**Проф. д-р Кирил Темков**

# ЕТИЧАРИ

## СТО НАЈЗНАЧАЈНИ ФИЛОСОФИ НА МОРАЛОТ ОД ЗАРАТУСТРА ДО БИОЕТИКАТА

**ДОМ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ"**
**КАВАДАРЦИ 2014**

Проф. д-р Кирил Темков

# ЕТИЧАРИ
## СТО НАЈЗНАЧАЈНИ ФИЛОСОФИ НА МОРАЛОТ
## ОД ЗАРАТУСТРА ДО БИОЕТИКАТА

Издава
ДОМ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ"

За издавачот
Владимир Темков, директор

ЕДИЦИЈА РОДНОКРАЈНИ ПИСАТЕЛИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА
КУЛТУРА НА РМ

Објавено со финасиска поддршка од
Министерството за култура
на Република Македонија
и на Општина Кавадарци

Рецензент
Проф. д-р Олга Пешевска-Заревска

Корица
Владимир Темков, графичар

Ликовно обликување
Диме Темков, графичар

Организација на текстот и јазичка корекција
Александар Темков

Компјутерска обработка
Били - Кавадарци

Печат
Печатница "Даскал Камче" - Кавадарци

КАВАДАРЦИ 2014

*На корицата*
СЕДУМ ЧИСЛЕНИЦИ - Првите словенски етичари - светите Кирил и Методиј
со учениците светите Климент, Наум, Ангелариј, Сава и Горазд
*(фреска во охридскиот манастир Св. Наум)*

# ЕТИЧАРИ

*За стоте етичари* - Кирил Темков ... 5
1. Заратустра - Маг на доброто ... 19
2. Мојсеј - Десет заповеди ... 23
3. Махавира Џајна - Не повредувај го живото! ... 28
4. Питагора - Направи го животот суреден ... 32
5. Лао Це - Мисли, разбери, освести се! ... 37
6. Гаутама Буда - Разбуди се! ... 42
7. Конфуциј - Прави го она што те прави човек ... 47
8. Емпедокле - Љубовта создава, омразата уништува ... 52
9. Демокрит - Животна радост ... 56
10. Сократ - Научи да бидеш добар ... 61
11. Антистен - Намали ги потребите! ... 65
12. Аристип - Најубави се задоволствата ... 69
13. Платон - Идејата на Доброто владее над сé ... 74
14. Диоген - Отфрли сé што не е неопходно! ... 78
15. Аристотел - Важни се динамиката и мерата ... 82
16. Теофраст - Постојат секакви човечки карактери ... 88
17. Зенон - Етичкото е најнапред ... 93
18. Епикур - Не плаши се и радувај се! ... 97
19. Патанџали - Етика на личниот напор ... 102
20. Кикерон - Моралот е должност ... 106
21. Исус Христос - Апсолутен морал ... 110
22. Апостол Павле - Верувањето донесува добрина ... 115
23. Епиктет - Слободата не може никој да ти ја земе ... 120
24. Цар Марко Аврелиј - Рамнодушност и душевна стабилност ... 124
25. Свети Јован Златоуст - Со збор за моралот ... 130
26. Аврелиј Августин - Сé е од Бога, сé зависи од Божјата волја ... 134
27. Пророкот Мухамед - Доброто е од Бога, слушај го Бога! ... 138
28. Свети Кирил Философ - Посветеност кон воздигнување на луѓето ... 143
29. Свети Климент Охридски - Тргај се од злото и прави добро! ... 147
30. Ибн Сина - Доброто е постигнување на свое совршенство ... 151
31. Михаил Псел - барање на добро решение ... 156
32. Ел-Газали - Добрина во служба на светоста ... 164
33. Пјер Абелар - Каква ти е намерата? ... 168
34. Ибн Рушд - Доброто е суштина на постоењето ... 172
35. Мозес Мајмонид - Средината е вистински морал ... 176
36. Џелалудин Руми Мевлана - Мистика и етика ... 180
37. Свети Тома Аквински - Во себе да се достигне Бог ... 184
38. Томас Мор - Идеално живеење ... 188
39. Мишел де Монтењ - Животот бара радување и сериозност ... 194
40. Рене Декарт - Со ум во живот ... 198
41. Ларошфуко - Кратко и јасно ... 203
42. Џон Лок - Моралот се изградува со искуството ... 209
43. Барух Спиноза - Единство на духот и животот ... 213
44. Дајдоџи Јуsан - Вложи се во доблесно однесување ... 220
45. Лорд Шефтсбери - Човекот има морално сетило ... 224
46. Волтер - Критика на неправдите и одбрана на човечкото ... 229
47. Бенџамин Френклин - Како да се подготвиме за добро живеење ...233
48. Жан-Жак Русо - Враќање кон природата ... 238
49. Клод Хелвециус - Корист и добрина ... 244
50. Имануел Кант - Почитување на човечкото во себе ... 249
51. Томас Пејн - Човековите права се нова основа на етиката ... 257
52. Доситеј Обрадовиќ - Поуки за умно однесување ... 269

53. Никола Кондорсе - Знаењето донесува прогрес и морал ... 273
54. Џереми Бентам - Пресметај ги предностите ... 278
55. Клод де Сен-Симон - Добри се само оние кои работат ... 283
56. Јохан Фихте - Силата на слободата и на совеста ... 287
57. Симон Боливар - Слобода за сите! ... 291
58. Огист Конт - Алтруизмот е вистински морал ... 298
59. Ралф Волдо Емерсон - Во ритам со срцето на вселената ... 302
60. Лудвиг Фојербах - Важни се човекот и љубовта ... 306
61. Џон Стјуарт Мил - Реално добро и среќа за сите ... 310
62. Пјер-Жозеф Прудон - Никој не треба да има власт над другиот ...314
63. Херберт Спенсер - Пат кон моралноста ... 319
64. Фридрих Енгелс - Нормите се историски условени ... 325
65. Лав Толстој - Учител на етиката ... 330
66. Анри Динан - Помош за страдалниците ... 337
67. Григор Прличев - Помеѓу минатото и надежната иднина ... 344
68. Пјотр Кропоткин - Заемопомошта е смисла на постоењето ... 355
69. Вилијам Џејмс - Сé може да биде подобро ... 359
70. Владимир Соловјов - Морални сме поради срамењето, сочувството и почитта кон Бога ... 366
71. Жан-Мари Гијо - Морал без задолжителност и без санкции ... 371
72. Анри Бергсон - Моралот е и притисок и визија ... 377
73. Свами Вивекананда - Љубов за сите и за сé ... 380
74. Пјер де Кубертен - Спортот како етика и обединувачка сила ... 385
75. Макс Вебер - Морал во секој сегмент од животот ... 389
76. Петар Данов - Љубовта поттикнува на правење добро ... 397
77. Махатма Ганди - Трајни вредности вистината и ненасилството ... 402
78. Шри Ауробиндо - Интегрално живеење ... 409
79. Џорџ Мур - Логика на етиката ... 413
80. Макс Шелер - Емоции и материјални вредности ... 423
81. Алберт Швајцер - Почитување на живото ... 430
82. Џек Лондон - За добри нешта ... 434
83. Мухамед Икбал - Само доброто срце сака ... 441
84. Павао Вук-Павловиќ - Љубов и творење ... 445
85. Бертолт Брехт - Отворање на сетилата и умот ... 449
86. Ерих Фром - Хуманистичка етика ... 453
87. Емануел Левинас - Етиката е прва философија ... 463
88. Леополд Сенгор - Наши вредности ... 468
89. Дитрих Бонхефер - Секако прави добро ... 474
90. Рејчел Карсон - Нов вид херојство ... 478
91. Симона де Бовоар - Смислата на животот е во нас ... 484
92. Сирил Паркинсон - Организација и правилно работење ... 495
93. Мајка Тереза - Правење добро со целото срце ... 507
94. АлберКами - Не предавај се, бунтувај се! ... 511
95. Мито Хаџи Василев - Нов тип односи треба да се изградат ... 516
96. Лоренс Колберг - 6 степени на етичкото однесување ... 523
97. Мартин Лутер Кинг - Мечти за вистински живот ... 530
98. Фетулах Ѓулен - Современата ера и универзалната добрина ... 540
99. Џонатан Шел - Да го спасеме светот од уништување ... 546
100. Питер Сингер - Нови норми за новите нешта ...560
*додаток* Енциклопедија на етичкиот ум ... 556
*За авторот* ... 571

# ЗА СТОТЕ ЕТИЧАРИ

**- д-р Кирил Темков -**

ОВАА КНИГА е резултат на долгогодишното студирање и предавање на *Историја на етиката* како градивна дисциплина на *Етиката*. Првото предавање по Етика кое го одржав на студентите по философија на Филозофскиот факултет во Скопје беше, се разбира, посветено на идеите на нашиот професор д-р Павле Вук-Павловиќ, кој тогаш во 1971 година замина во пензија. Тој прекрасно предаваше Етика и Естетика, а потоа и Историја на старата философија, од 1958 година, кога во својата 65-та години дојде од Загреб, каде беше прерано испратен во пензија. Второто мое предавање беше за етичките погледи на Имануел Кант, најзначајниот од современите теоретичари на етиката. Потоа 40 години се редеа изложувањата на погледите на низата бележити етичари од светската историја по предметот Историја на етиката, во кои беа вклучни и погледите на етичарите од нашите краишта. Тоа го предавав заедно со Етиката, каде што исто така беа претставувани концепциите на одделните етички творци, онака како што пред студентите беа развивани одделни прашања и аспекти на етичката наука, кои беа објаснување и развивање на етичките поставки, вредности и норми. Така ги бев простудирал најзначајните и помалку значајните философи на моралот, исто така нашите и од блиските народи, како и содржината, методите, основните концепции и мислителите на *блиските науки* (психологија и психологија на моралот, социологија и социологија на моралот - двеве специјализирани науки за моралот се предимно философски дисциплини, антропологија, етнологија и етнографија, право, економија, политика, стратегија, теорија за војната, теоријата за управувањето). Философијата на менаџментот и Философијата на политиката ги воведов како нови дисциплини на философските студии кај нас како раководител на Институтот за философија, а тука спаѓаат и разни други истражувачки и реални дисциплини, како историја на науката и на откритијата, на работењето и на занаетите, физичка антропологија и теорија на спортот, и разни други кои се однесуваат на секаков вид практична активност на луѓето, помеѓу кои се најзначајни медицината со сите свои бројни варијанти и ветерината, исхраната и создавањето и користењето храна, обработувањето на земјата и користењето и амелиорацијата на почвата, градежништвото и технологијата, ергономијата и користењето на машините. Посебното *испитување на уметностите*, без кои не е можно да се доразберат етиката и најзината историја, го правев од 1974 (кога се вселивме во новиот Филозофски факултет) до 1994 година во рамките на *Естетичката лабораторија*, која уште на стариот Универзитет пред Земјотресот во Скопје ја основа професорот Вук-Павловиќ за презентирање на ексклузивните дела на уметноста и за испитување на уметноста како своевидна појдовна точка за развивање на Естетиката, на која тој како млад човек, а во зрелите години кај нас посебно ѝ го беше посветил животот. Јас, како раководител на Естетичката лабораторија (со професорот д-р Георги Старделов, подоцна асистентката д-р Кица Барџиоска и со студентот, пријател и колега, исклучителен алтернативист д-р Љубиша Никодиновски - Биш), водев акција за унапредување на комуникацијата со уметноста кај младите и, посебно, ги истражував моралните импликации на врвните уметнички дела и уметнички жанрови врз младата личност (еден вид етика, што подоцна ќе се развие во идеја и акција за воведување на Етичкото образование во Македонија). За разбирање на етиката и нејзината историја ги проучував и посебните *професионални етики*,

кои прв ги предавав кај нас - Етика на офицерите и на полицајците, Педагошка етика, Журналистичка етика, Етика на дефектолозите, Етика на уметниците, Етика на правниците, Етика на занаетчиите, Етика на туризмот, Индустриска етика, Економска етика, Менаџерска етика, Етика на банкарството и на берзанското работење, Правничка етика, Етика во сообраќајот... За етичките сознанија е значајно и проучувањето не само на специјалните науки за обичаите во супстанцијална и во историска смисла (Science des moeures, Sittengeschichte), туку и на етикецијата и на нејзината подваријанта бонтонот за доброто однесување на луѓето во друштвото и во посебните околности (може да се нарече, minima moralia). За потребите на МАНУ правев нацрт и прв избор на зборовите за стручен *Етички речник* на македонскиот јазик (преку 7.000 основни термини), кој сепак не беше побаран да се изработи, а за наставата по етика за средните училишта подоцна направив помал Етички речник за младите (со 800 основни и преку 2.000 развиени термини). Тоа покажа колку е важно за етиката и нејзината историја да се проучува јазикот и да се споредува со другите јазици (тоа ми беше можно бидејќи преведов по една најзначајна француска, германска, британска и американска етичка книга, а и книги од српскиот, хрватскиот и бугарскиот јазик, како и одделни трудови и етички текстови-делови од етички книги од разни јазици за потребите на студентите). Посебно ги изучував *најновите тенденции во етиката* и нивните појави во разните делови на светот - Биоетика, Еколошка етика, Етика на бизнисот, Етика на комуникацијата, Универзална етика, Етика на мирот, Етика на глобализацијата, Етичко образование... Лично ме интересираше и многу ја проучував *Религиската етика* во нејзините различни историски форми и супстанцијални искажувања. Се разбира, кон овие проучувања беа приклучени и Философијата и Историјата на философијата (во различни варијанти - дури направив и учебник за последниот клас гимназија за овој предмет), Логиката и Методологијата, како истражувачко орудие, Онтологијата, Гносеологијата, Епистемологијата, Философската антропологија, Аксиологијата и Естетиката, како и другите *философски дисциплини*, со кои Етиката и нејзината историја се суштествено поврзани.

Бев подготвен да направам Историја на етиката. Проучувањата завршени, потребни книги од значајни етичари, од сите епохи и од сите краишта имав купено, множество белешки направени, одржани многу историскоетички предавања, не само редовно за студентите, туку и за јавноста - серија за француската етика, посебно серија за француската биоетика, серија за германската етика и за другите национални етики, особено низа презентации на нашата етика и на христијанската етика. Сепак, ме стесна личната недоволност на испитувањата. Имено, кога бев млад студент се појави преведена во Сараево една бележита Историја на етиката, од професорот Фридрих Јодл. Тоа не беше првата историја на етиката која ја читав, но беше најобемната и најзрело напишана. Иако има делови кои, според моето становиште, се бегло разработени, другите се маестрално опишани. Таа книга е параметар. Не ќе можев да ја достигнам. Ми изгледаше дека е најдобро да направам малечка историја на етиката (како што, впрочем, предлагаше покојниот пријател професорот д-р Димитар Гацов, професор по германска граматика на Филолошкиот факултет, кој велеше дека не треба да се пишуваат обемни книги, никој не ги чита). Кон тоа ми се зароди идејата за универзитетските потреби да направам избор од најзначајните етичари, за да послужи како хрестоматија за студентите. Планирањето на малечката историја водеше кон избор на 20-тина централни етичари, околу кои би била опишана нивната епоха и типот на

етичките погледи. Не верував во плаузибилноста на систематска поделба на етичарите според видот на етичката теорија (етика на добродетелта, на должноста, емоционална етика...), зашто не можат сите да се впикаат во фиоки, повеќе верувам во историскиот пристап. Кусата историја можеше да се направи, но само ако се прескокне подалечната историја и ако се заобиколат мнозина големи мајстори на етиката во секоја епоха. Тоа не ми се допаѓаше. Сета работа застана.

Излезот и идејата за ваква книга што е пред вас дојде по поканата да пишувам за неделникот "Старт". Почнав со статии за социјални, политички и етички теми. Но таа ревија имаше и културна цел и димензии. Ми дојде идејата и амбицијата да направам **избор од 100 етичари** (и списокот веднаш го составив), чии идеи и норми би ги претставил во посебни текстови. Така и почнав во 2003 година. Тука можеше да се планираат учењата и на најстарите и на поновите етичари, а ќе беа претставувани како целина, со евентуално потсетување на оние кои им беа блиски соработници или кои имаа слични погледи. Почнав со текстот за првиот етичар *Заратустра* од Персија. Вториот текст иднатата недела беше за последниот во низата - најзначајниот светски етичар и биоетичар од нашата генерација *Питер Сингер*. Се надоврзуваа етичари од разни епохи и земји, од разни ориентации и со разлсични идеи. Но, само оние кои нагласено го поддржуваа доброто. Ги нареков **трагачи по доброто**. Во секој текст, на почетокот стоеше: "Во овој оригинален фељтон на *Старт* за најзначајните етичари во светската историја, ги прикажуваме личностите, идеите и поуките на големите светски трагачи по доброто". Ми помагаше младата колешка *Марина Шекеровска*, одличен дипломиран професор по философија, новинарка во ревијата. Покрај своите редовни задачи, таа ги прибираше и суредуваше текстовите. Сите беа објавени на ист начин, на 2 страници од списанието, со оригинална фотографија или цртеж на етичарот, со избор од нормите што им ги предлага на луѓето. Беше убаво и стана популарно. Згрешив што не објавував текстови непрестајно, туку во блокови од 10-15, па малку пауза за да пишувам друг вид прилози. Така, кога престана да излегува "Старт", кому сум благодарен за прифаќањето на проектот, за година и пол дена имав објавено две третини од предвидените стотина етичари; да не правев паузи можеби бројката ќе се доближеше до планираната. Во секој случај, во мојата душа резултатите ја оправдуваа замислата, сфатив дека така треба да биде направена од моја страна една Историја на етиката, како **преглед на најзначајните етичари на сите времиња**.

Не се концентрирав да ја завршам листата (оттогаш до оваа година обработив погледи уште на *само 2 етичари*). Еден текст напишав за добра ревија, која потоа престана да излегува; кога на некои други ревии им понудував серија од етичари, не прифаќаа. Во меѓувреме, се бев ангажирал на пропаганда за воведување на *Етичкото образование* во нашата земја, пишував јавни писма, организирав трибини и предавања, посебно експериментална настава по етика во средните училишта, во двата степени на основните училишта, во градинките - етика вежбаа деца од 4 до 20 години. За тоа пишував не само молби и објаснувања до педагошките власти, туку и методички упатства и материјали за учење на етика и биоетика, кои ги објавував веднаш јавно во весниците и списанијата, за целата наша јавност да види за што станува збор и слободно да ги користи за своите етичко-воспитни цели - во "Колибри" на "Нова Македонија" секој вторник, без оглед на промена на сопственикот и форматот, (био)етички текстови за децата излегуваат без прекин од 2000-та година до денес. Изработени се стручни анализи, семинарски трудови, магистерски трудови и

докторски дисертации за Етичкото образование (во ниедна земја во нашето опкружување нема такви разработени и образложени сознанија, кои, впрочем, се директно согласни со интенциите и барањата на светската организација за култура, наука и образование УНЕСКО). Ги развивавме и другите нови етички сознанија - за Универзалната етика, за Етиката на мирот, за моралните поуки, за Олимписката етика итн. Тогаш е воведена, како изборна, наставата по Етика во гимназиите, во 2 и 3 година, а потоа и во 6 одделение на основните училишта. За нив направив учебници, без наставни средства нема учење и научување. Објавував и други книги, најмногу за современата етика. Напишав општа *Етика за младите*, која самиздат имаше необичен формат, потоа беше преведена на српски јазик и објавена во 2 изданија, па во таа форма ја објави активната детска организација "ОХО" во 2 изданија - во тоа дело етичките сознанија, принципи и норми се проникнати со сознанијата на најголемите етичари (значи, една прирачна историја на етиката). Текстовите од "Старт" за одделните етичари ги користевме во наставата како помошно средство. Се покажа дека младите ги интересира историјата на најзначајната современа наука етиката и дека таквите текстови лесно ги обработуваат во домашните есеи (како обврска од болоњскиот систем на универзитетско образование). Етика воведоа како обврзен или изборен предмет и на неколку факултети, и таму овие текстови послужија за подобро работење, бидејќи, според нашата концепција, студентите треба да се запознаваат исто така и со развојот на етичките идеи, како вовед во разбирањето и прифаќањето на Универзалната етика, која и ние ја градиме според замислата и препораките на ОУН и УНЕСКО.

Ми се измолкнуваше завршувањето на овој комплекс од 100 етичари и мислев дека така ќе остане, ќе бидат присутни во образованието и културата, бидејќи многу се ширеа и беа популарни, но недооформени како проект. Во Кавадарци беа добри и во Домот на културата, со кого соработувам, ми помогнаа да излезат две мои книги "Етика на културата" (2009) и "Практична етика" (2011), но од лични причини и научна скепса не успеав да ја реализирам планираната книга "Темели на етиката". Тогаш директорот на Домот на културата Владимир Темков ми предложи да пробаат да објават уште една моја книга; одбив да биде повторно предложена книгата за основите на етиката, но со директорот се објаснивме дека тоа може да биде книгата "**Етичари**" - што е основен и неизменет наслов од како почнав да ги пишувам овие текстови. Во меѓувреме набавив и нови потребни книги, кои се наш основен алат за работата. Радосната вест дека Министерството за култура ќе го помогне објавувањето на ова поголемо дело ме исполни со работна енергија, ја завршив редакцијата на постоечките студии и ги изработив новите текстови, за целата книга да биде заокружена со стотина етичари. Во сите овие години правев списоци на овие етичари, и тие никогаш не го сменија овој капацитет (оние неколку кои го накачуваат бројот до 110-120 не се толку најважни да мора да бидат обработени). Тоа покажа дека добро сум се ориентирал кон изработка на *преглед на значајните етичари*, а не кон правење на покласична историја на етиката - таа ќе беше одамна завршена, но не ќе создаваше волку воодушевување во мене; уверен сум дека оваа книга е она што сакав да ја имам и да се претставам со неа пред публиката желна за етички сознанија, кои толку му се потребни на новиот свет.

ИСТОРИЈАТА НА ФИЛОСОФИЈАТА е составен дел на философијата, без неа таа не може да се развива. Така не е со историјата на медицината или на физиката, на геологијата и на метеорологијата; тие се повеќе значајни за

историската согледба на сознанијата, значи стануваат дел на историјата на философијата, отколку активно влијателни во современите научни сознанија за своите области. Философијата е *наука*, како што велеше нашиот професор Вук-Павловиќ, но таа е и *йоезија*. Како наука се потпира врз објективните истражувања, кои се протегаат сé до почетоците на цивилизацијата, културата, религијата и писмото; како поезија е израз на душата на творецот. Затоа не е можно философијата да се разбере само супстанцијално, од неа самата, иако, се разбира, таа и така е дофатлива и младите така се учат на неа. Потребна е и историја на мислата. Истото е и со **ИСТОРИЈАТА НА ЕТИКАТА**. И етиката не е можно да постои без разбирање и афирмирање на својата историја, не затоа што традицијата е важен дел на етичкото (и на философското) мислење, туку затоа што нема апсолутно застарување на етичките идеи. Тие остануваат, како "поезија", како духовна креација, трајни и по времето на своето создавање, но и по епохата кога биле модерни, а понекогаш се помодерни подоцна отколку во времето на настанувањето. Како философските сознанија, и етичките ставови имаат квалитет sub speciae aeternitatis, не сите, се разбира, не ни оние кои некогаш содржеле доминантни вредности и најважни норми, па им минала актуелноста и човечката потреба од нив - туку во смисла на *ориѓиналносѿ*, која се возобновува и можно е повторно, во секој случај подолго, да трае отколку другите етички мисли и визии.

Во таа смисла, историјата на етиката е нужна за разбирање на етиката како духовна и практична дисциплина, но и како потреба на човештвото од таков вид идеали, концепции и норми за дејствување кои му помагаат да опстане и да постапува исправно, не повредувајќи други и правејќи си себе полза. Станува збор за можното пофалување на самиот себе за добро однесување, но не како горделивост, туку како сатисфакција за своето правилно постоење и планирање и како согледба и волја за исправно поведение. **Етиката е неразделен дел на човечката егзистенција**. Неморалот и злото ја уништуваат живејачката, го отежнуваат нејзиното поднесување, а таа не е секогаш лесна; доброто и конструктивното ја поткреваат желбата за опстојба и ги поттикнуваат човековите сили да постапува добро. Многу објаснувања може да се дадат зошто човекот се стреми кон добро, а го избегнува лошото (од вроденоста на моралните чувства; од разбирањето на добродетелта како особена човечка сила; од желбата да се направи добро другому; од љубовта која ја чувствуваме кон ближните; од самосвеста и самоконтролата на егоизмот, за да не повредуваме други или за себеси да си обезбедиме пристојно место за живеење, во кое нема да се бркаме меѓусебно како волци; од интересот да имам полза од заедничката опстојба и од исправното однесување...). За ваквите етички ставови човекот се подготвува од детството, со правилно воспитување и образование; за тоа во него се раѓаат сознанија од младешките години, кои прераснуваат во содржина на автономното решавање; за тоа се говори и тоа се очекува од сите зрели личности, а од оние кои застрануваат тоа се бара и наложува, некои и ги молат да престанат со правењето зло. **Доброто го унапредува живеењето во секоја смисла, злото го уназадува**; со напредувањето на личните години, возрасната личност станува помудра, дури и ако не се труди многу за тоа, и полека ги остава евентуалните лоши постапки, или луѓето ја напуштаат таквата личност; на крајот од животот секој треба да си даде сметка што направил, за да биде сигурен дека постапувал добро и дека ги избегнал лошите дела и последици од своето невнимателно однесување (кога ќе идеме кај Бога, тој сигурно ќе нé праша зошто сме го направиле она што не чини или зошто не сме го направиле она што требало да го сториме - да бидеме одговорни граѓани; да ги чуваме и

школуваме децата, да ги сочуваме од големите предизвици кои водат кон страдање - дрогата или алкохолот; да направиме од себе она за што сме имале таленти; да бидеме пријатни, љубезни, трпеливи, смирени, ненасилни, толерантни...). За етиката е суштествен и посакуван зборот **добро**, таа упатува да не треба да замислуваме и правиме зло. Свети Климет Охридски, нашиот најзначаен етичар, има прегнантно посочено: **Тргај се од злото и прави добро!**

Како нашиот духовен родител свети Климент, говорат и другите бележити етичари. Ние сме ги објасниле идеите на свети Климент и свети Наум, на свети Кирил и Методиј како "наши етички основи". Таква етичка целина може да најдеме и да ја раскажеме и присвојиме од кого-било од изложените 100 етичари - сите се *вистински моралисти*, имаат образложена теорија, се застапуваат за одлични вредности, нормите им се ефекти и потребни за животот на луѓето и за меѓусебното однесување помеѓу луѓето... Секој од нив може да биде база, кога ќе ги објасниме неговите/нејзините идеи и идеали, аксиолошкиот систем и предложената практична моралност, совршен етичар на секого од нас за согледба и раководење на својот живот. Но, во историјата на етиката станува збор за изложување на развитокот на моралните замисли, за поврзување на таа етика со нејзината епоха и со другите тогашни духовни движења, понекогаш за градење на континуитет на етичкото мислење и продолжителност на моралните визии. Во оваа книга тие сознанија и тенденции се уште повидливи одошто во некоја конструирана историја на етиката. Тука самиот етичар говори за себе, а истовремено му испраќа пораки до целото човештво, дека пред него можело да има такви морални насоки, до современиците дека размислите се однесуваат на нив и етичарот очекува дека ќе бидат прифатени и следени, до идните луѓе дека нема да заврши етичката неопходност, бидејќи е човечка нужност, и дека изложените вредности можат со исти, или со други, објаснувања да бидат употребливи и натаму како аксиолошки систем, како етичка водилка.

Тоа се карактеристиката и предностите на делото "Етичари". Тоа е особена книга, единствена според концепцијата и изборот, а како метод изложува пред читателите и проучувачите сто **мајстори на етиката** - ги нарекувам така со почит кон кавадаречките занаетчии какви што беа моите родители и ме учеа на морал, работење и почитување на другите, а исто така и кон мојот професор Павао Вук-Павловиќ, величествен професионалец во философијата и етиката, и кон другите учители кои ми помогнаа да израснам во достоен предавач на етичките идеи и постојан застапник на етичките вредности, уверен во нивното значење за сите луѓе и за нашиот народ и корисни за големите етички и биоетички задачи кои стојат пред човештвото, не толку за нас кои заминуваме, но секако за оние кои ќе дојдат по нас и за коишто етичарите непрестајно мислат. Тоа може да го видите и од зборовите и активностите на етичарите, објаснети во книгава. Така секоја точка-статија-студија за некој етичар е истовремено повик за разбирање на неговите благородни стремежи и поука која ни ја испраќа да се однесуваме добро. Добрината не престана да биде основната, највисока вредност, како и Вистината и како Убавината. Уште повеќе, во иднината се надеваме дека триве вредности ќе станат поприсутни и поефектни - иако откако се поставени на пиедесталот на тројни светии, на врвот на аксиолошката скала, не престануваат да бидат **светлина за човечкиот дух и опстојба**, дури и ако хордите бандити го загрозувале животот на луѓето, или аморалистите владееле користејќи секакви средства за да си ја реализираат грдата цел, или злобните со сите сили ги мачеле другите, посебно моралните, за да се наситат од човечко страдање и од одземените права, живот, имот, среќа. *Неморалот никому не му донел среќа*, колку таквите да се

перчат пред обичните луѓе и истакнатите граѓани. А моралот го овозможува тоа, тој е основа за опстојба, добар помин, постигнување и имање, за оправданост на живеењето.

РАЗВОЈОТ на умот и моралот како тема на нашата книга, покажува значајни нешта. Ако ја погледнете содржината на книгата со стоте етичари, во списокот ќе најдете најголеми имиња на светската ИСТОРИЈА, посебно на светската култура, иако некои имиња нема да ги препознаете (зашто кај нас малку се учи Етика и Философија). Но, за мнозината претставени етичари сигурно сте чуле, можеби не како за етичари, но веројатно како за научници, мислители и духовни и верски водачи.

Историски тие се наредени точно - според годината на раѓањето. Ја имате пред себе подредената **енциклопедија на етичките личности и идеи**.

Ја познавате светската историја по епохи - првин е Антиката, па Средниот век, потоа Новиот век и поновата историја, сé до денес. Нека не ве изненади бројот на избраните етичари во секоја епоха (јас ги бирав како автор и професор, но тие самите се наметнаа како најзначајни). Тие даваат слика за својата ера и за главните философи на моралот во неа. Во секоја епоха има голем број етичари, етиката била посакувана и нужна дисциплина. Персоналното богатство на етички мислители во секоја епоха говори за етичките проблеми, дилеми и решенија во тој историски период. Историјата е истовремено и избор на информации за тогашните етички ориентации. Почнувајќи од Заратустра, Антиката завршува со Марко Аврелиј, Средниот век трае од Исус Христос до свети Тома Аквински, Новиот век од Томас Мор до Просветителството, посовремената ера од Имануел Кант до Владимир Соловјов, најновата од Лав Толстој до Питер Сингер.

Бројот на мислителите е речиси рамномерно распределен, во секоја епоха има 20-тина генијални етичари, ниеден не е поважен од другите, сите го исполнуваат критериумот на оригиналност, етичка доблест, значајност на етичките концепции и пораки, неминливост на нивните идеи сé до денес, сите биле значајни за многу луѓе околу себе, им давале добри етички објаснувања и совети, нивните идеи ги поттикнувале на добро. Значајно е што и до денес се останати нивни духовни траги во човештвото, некои ги сакаат и почитуваат, некои ги следат во моралот, а нечии учења заслужуваат да бидат (и покрај временската далечина кога се создадени) возобновени во нашата *ера на етиката* и се користат и натаму.

Нема во етиката само неколку решенија, како што по учебниците по етика можете да сретнете акцентирани неколку најзначајни учења. Во сегашните предавања за етиката на науката за докторските кандидати од сите струки на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје истакнувам дека, покрај покласичните концепции, од кои некои уште се валидни и продуктивни, постојат бројни нови етички концепции, кои овозможуваат развивање на идеали, вредности, норми и морални дејства што соодветствуваат на современата (и идната) епоха и при тоа, како во секоја етика, се застапуваат за најдобро човечко однесување - *Етика на умереноста* (најраширено и највлијателно етичко учење за држање "*средна мера*", за однесување без претераности, базирано врз објаснувањата на Аристотел, односно од мнозина антички етичари па сé до денес - дава основа за создавање совршено суштество и добра заедница); *Етика на разумот* (или како стоиците го искажуваа "следење на својата природата", живеење *умно*, без многу возбудување - највлително етичко учење во историјата); *Етика на должноста* (барање да се исполнува и заврши

*обврската*, пред сé и секогаш, учење дека треба да се прави она што е нужно и што ни налага должноста според човечката сушност и нашата позиција, етика на неотстапување од моралот); *Етика на добродетелта* (класична доктрина за следење и реализирање на *најдобар морал*, на стандардни вредности и норми на доброто мислење и постапување); *Утилитаризам* (се бара правење *добро за сите*, и за луѓето и за сите живи суштества - сега највлијателна етичка доктрина во развиените земји); *Етика на праведноста* (израз на понови социјални учења за *еднаквоста* меѓу луѓето, за фер, непристрасно однесување секогаш и кон секого); *Етика на солидарноста* (резултат на ставот за еволуцијата на човекот и општеството - со развојот на духот и моралот расте меѓусебно разбирање и помагање на луѓето); *Етика на одговорноста* (современи барања дека секој треба да ги прави потребните нешта - концепција за *реално учество* на личноста во неопходните активности); *Интенционализам* (имање чиста и јасна *добра намера* - класично учење на Пјер Абелар, основа за европската етика); *Консеквенцијализам* (барање да се мисли за *последиците* од дејствата - не смее да има небрежност, нечувствителност, повредување и корупција - база за етиката на науката, на политиката, на бизнисот, за биоетиката); *Мелиоризам* (концепција на прагматизмот на Вилијам Џејмс, Џон Дјуи, кибернетиката, информатиката, според која *сé може да биде подобро* и секој и сé може да се поправи); *Етика на грижата* (најнова етичка идеја за *љубов и почитување на живото*, за потреба од *емпатија* и за решавање на проблемите со позитивен став - се нарекува популарно и "женска етика"). За овие и другите актуелни етички концепции подетално пишував во воведниот текст кон "Етика на културата" (Кавадарци, 2009). Животот е сменет, побарува многу од луѓето, се очекува **одговорно однесување** на секого, особено на поучените и на оние кои се на повисока позиција во општеството и во дејностите. Луѓето треба подобро да ги разберат тешките проблеми и да ги сплотат силите за нивно решавање, како на тешкотиите чие развивање се навестува (здравствени, климатски, социјални, прашања на конфликтите и на опстојбата), исто така и на оние проблеми за кои само претпоставуваме дека ќе се појават или уште не ги ни насетуваме таквите маки.

Прегледот на претставените етичари покажува дека тие биле мошне *модерни за своето време*, посветени на човечката сознајна и морална улога за подобро однесување според негативните нешта што се појавуваат. Во етиката гледаа спас за човечките околности и страдања.

Посебно интересна согледба од историската листа на етичарите е тоа што се разјаснуваат прашањата околу нивното групирање. Имено, ако стандардно прво се претставуваат древните етичари од Истокот и потоа се мине на Западот, или се направи обратно, не се разбира прегледно дека етиката е развивана секаде во исто време - Питагора и 7 мудреци се врсници на Лао Це, Буда, Конфуциј. Исто така се врсници Епиктет и Марко Аврелиј со Исус Христос, св. Павле и со првите христијански апологети. Од заедничкиот список може да се согледа истовременоста на новите етички учења пред Ренесансата и по неа, а и нивната заемност со реформистичките тенденции во Европа. Фрапира напоредноста на Просветителството (со слични етички учења насекаде), како и паралелната раширеност на етичко-политичките доктрини за еднаквоста и праведноста во помодерниот свет. Во денешницата истовремено се јавуваат современиот агапизам и учењата за ненасилството и за грижата пред биолошките и социјалните предизвици на модерната епоха. Во сите епохи завршницата на претходната се совпаѓа со раѓањето на новата. Ние сме сега, може да заклучиме!, предвесници на *идната морална епоха*, во која се надеваме

ќе владат идејата за Мирот, благонаклонетото ненасилство, доброчинството, добрата волја за развој на општата согласност за братството и реалната солидарност за животните и за безбедностите прашања. Точно пред сто години ученииот д-р Карел Чапек предвиде правење на роботи и нивна побуна, кога вештачките мозоци ќе разберат дека не ги третираме еднакви како нас. Пред 50 години, големиот научник и автор на значајни научно-фантастични романи д-р Исак Асимов создаде благовремено етички кодекс на роботите "Три закони на роботиката": 1) Роботот не смее да повреди човечко суштество или со својата неактивност да дозволи тоа да биде повредено; 2) Роботот мора да се покори на заповедите добиени од човечките суштества, освен во случаите ако тие заповеди се во спротивност со Првиот закон; 3) Роботот мора да го штити своето сопствено постоење сé додека таа заштита не е во спротивност со Првиот или со Другиот закон. - Иднината е започната, се градат полека и нормите за неа, а Толстој, Швајцер и Мајка Тереза јасно ни покажаа какви во неа мора да бидат моралните вредности и достојното човеково однесување.

Историјата, па и историјата на етиката, нé учат дека во светот биле слични проблеми на развитокот на цивилизацијата и на етиката. Таа поука треба да се спореди со сознанието дека многу рано се појавиле големи етички учења. Тоа потсетува на антрополошката вистина дека луѓето се слични/исти суштества, па не е чудно што во секоја епоха има гении за објаснување на супстанцијалниот човечки квалитет каков што е моралот. Исто така, не се исцрпени потенцијалите на етичката креација во древноста, тие дострели можат во своите значајни видови да имаат влијание и денес и да ни помогнат да најдеме важни етички решенија и во поинакви историски, природни и социјални околности - што и се случува со возникнувањето на *ахимса*-ненасилството, со поинтимното разбирање на *Природата* и со афирмацијата на значењето на *разумот*, по кој знае кој пат во етичката историја. Историјата на етиката малку потсетува и на психолошко-етичката доктрина за индивидуалниот развој од хетерономен морал кон севкупна автономија на човекот. Не се заборавaат сознанијата кои биле препорачувани на недозреаните суштества, но исто така и дека доаѓа времето кога мнозинството луѓе се подготвени да пронајдат вредности и норми кои ќе го тласнат животот, дури и при многу проблеми.

ГЕОГРАФИЈАТА на етиката е исто така многу интересна. Своевидната доминација на главните животни и етички идеи од еден регион (на пример, европоцентризам) одигра важна улога во развојот на светот и на етиката во другите краишта. Но прегледот на мапата на стоте етичари нема да даде исклучив резултат во таква насока.

Вон Европа ќе најдеме битни етичари и учења рамни на најзначајните европски. Кинеската етика со базичните теории на конфуцијанизмот и на таоизмот (со уште разни други), не само што опфаќа 1/3 од луѓето од Земјата, туку до денес понудува мошне интересни и креативни етички ставови и норми. Тие се плодотворно раширени и врз блиските далекуисточни нации. Во современата ера христијанскиот монотеизам се спојува со конфуцијанските вредности (Сјан Мун) за создавање нова етика на соработка меѓу луѓето, семејно поврзување и унапредување на личниот опстанок загрозен од војните и гладот. Кинескиот таоизам, пак, одамна се спои природно со индискиот будизам, од блискиот втор броен светски народ. Нивниот заеднички дериват зен-будизмот ја возбуди и освои современата интелектуална елита. Во Индија се создадени низа етички школи со трансисториска вредност. Џајнизмот е најдобронамерна доктрина кон Природата, го осудува секое насилство. Хиндуизмот има

интересно разбирање на сите религии - кои потекнуваат од еден бог, но се јавуваат во разни форми; затоа кон сите треба да имаме разбирање и да ги браниме. Будизмот со својата идеја за можноста за индивидуално усовршување (и спасување, ако тоа ни е цел), понуди низа методи со благородна содржина за етички напредок. Денес највлијателното класично учење е токму будизмот, кој може да се приспособи кон секоја етика и да поттикне добри дела на секое поле.

Не смее да се заборави дека од Азија доаѓаат и христијанското и исламското учење, со огромен број верници и силно влијание во историјата и денес. Двете се етички религии, во кои моралните норми се суштина на верските визии. Во историјата и низ светот ќе најдеме малку теории врз кои не влијаеле овие две морални тенденции. Иако сега, во конфликтниот свет на новото време (што е психо-социјална база за судирите и стравовите на луѓето), се чини дека помеѓу нив не се можни разбирање и соработка, тие се во основите многу блиски и можат да се согласат, а етичките теории создадени врз нивна основа да бидат слични - на тоа укажуваат Толстој, Ганди, Швајцер, Ерих Фром, Мартин Лутер Кинг или д-р Ханс Кинг и другите современи екуменски етичари. Не смее да се затвора умот пред предлозите за доброто, кажуваше уште првиот етичар Заратустра. Ние како земја на христијански врвови (Охрид и свети Климент) и долговековно под османско владеење ги разбираме двете религиски етики и знаеме дека можат да се проникнуваат и заедно да се развиваат.

Ја споменуваме во книгата религијата и нејзините врвни етички дострели, иако во посовремениот свет, поради сколастичките и догматски интенции, разни мислители ја осудуваа религијата и сметаат дека етиката не треба да се потпира и да соработува со неа. Религијата е човечка потреба и секој регион и нација си ја развија и си ја одржуваат колку што им е потребна во нивното живеење. Етиката суштински е поврзана со религијата, не само како пренесувач на божествените морални заповеди, туку како почитувач на вредните морални вредности и норми кои ги дава религијата. Тие двете се поврзани во единството на светскиот морал, во кој се испреплетуваат природниот и религискиот морал.

Дека светот е "големо село" што се однесува и на етиката (не само на науката, техниката, информациите, сообраќајот, рок и поп културата...) покажува ширењето на утилитаризмот како етичка доктрина на најразвиените делови на светот. Но никулците на утилитаристичките норми (и блиските етика на грижата, етика на одговорноста и консеквенцијализмот) пробиваат и подалеку од најразвиените краишта. Земјата е голема планета, која не може лесно да се обиколи пеш, но таа е малечка планета за новите средства за комуникација и со своите капацитети, кои ги искористуваат 7 милијарди човечки суштества. Создадени се агенции и се спроведуваат акции да се помогне каде што е најтешко и каде луѓето најмногу страдаат од недостиг на вода, скудна почва и немање храна. Тоа е утилитаристичка идеја на дело, силен израз на единството на светот.

Единството на светот сакавме да го покажеме и со изборот на етичари од сите области и од сите епохи. Не ја развиваме постара (етнолошко-етичка) наука за обичаите и моралот, но покажуваме дека и во Африка и во Јужна Америка има значајни обиди за обмислување и суредување на живеењето, за што се важни и етичките вредности. Од Австралија доаѓа главниот денешен етичар Питер Сингер (таму е порано унгарската професорка *Агнеш Хелер*, која учи дека е важен и поучен животот на секој човек, а Земјата треба повторно да стане "дом за човекот", а самата Австралија предничи во *етичкото образование*, кое се спроведува во сите 12 класа на основното и средното образование, а значајна е и реконструкцијата на повредите на прастарото

домородечко население - како и во Канада, на пример). Етиката на секојдневниот живот и диференцијализмот на размислувањата и на живеењето, што ги сакаме како идеи од философот кого имавме прилика да го познаваме и да ни биде пријател *Анри Лефевр* (1905-1991), се развиваат низ целиот свет, со своите специфичности. Најсовремениот подем на етиката се случува секаде, прегледот на модерните етичари посочува дека ги има во целиот свет (иако со оглед на специфичноста на книгата не ги развиваме подетално како одделни текстови). Поради определбата за точно 100 етичари не ги обработивме етичките идеи на најзначајниот хиндуистички философ *Шанкара* (788-820); или на свети *Франциско* (1182-1226), создавачот на редот на сиромашните монаси и помагачи на болните и страдалниците, во чија чест денес во неговиот град Асизи се одржуваат годишни собири за мир на водачите на светските религии и на најзначајните политичари; или на философите *Скотус Еригена* (810-877) и *Фридрих Шелинг* (1775-1854), чии учења за природата можат да бидат инспиративни за новите еко-етички согледби и вредности; или на творецот на еволуционистичката теорија *Чарлс Дарвин* (1809-1882); или на поставувачот на темелите на егзистенцијализмот данскиот философ *Сорен Киркегор* (1813-1855), како и на другите егзистенцијалисти *Карл Јасперс* (1883-1973), *Жан Вал* (1888-1974), *Габриел Марсел* (1889-1973), *Морис Мерло-Понти* (1908-1961)..., кои дадоа значајни прилози кон разбирањето на човекот и на методот за истражување на неговата состојба и јанѕи, трагања и талкања во современиот свет: на психологот-логорски страдалник *Виктор Франкл* (1905-1997), кој нé учи на смислата на живеењето и посочува дека "по Аушвиц знаеме за што сé е способен човекот, а по Хирошима на каков ризик е изложен", и на создавачот на хуманистичката психологија *Абрахам Маслов* 1908-1970), кој ги изложува основните животни вредности; на философите *Мигуел де Унамуно* (1864-1936), *Паул Тилих* (1886-1965), *Мартин Бубер* (1878-1965) и *Аласдар Мекинтаер* (р. 1929), со своите интересни и мошне поучни учења и совети за односите помеѓу луѓето, како и на *Карл-Ото Апел* (р. 1922), создавачот на етиката на комуникацијата; на американските теолози *Наполеон Хил* (1883-1970) и *Норман Винсент Пил* (1898-1993), кои, покрај разни други практични моралистички психолози, развиваа за современиот човек најзначајно *позитивно* мислење, а исто така и многу други етичари и моралисти, кои ги унапредија етичката наука и пракса со тематиката и со креативната духовна ориентација. Плурализмот на етиката и нејзината раширеност низ светот со универзалистички сознанија и пораки е нова ситуација на оваа стара наука.

За теоријата на етиката го додаваме ова сознание - во современата етика не функционира поделбата од пред сто години на *теоретска* и *нормативна*. Денес притисокот на животните проблеми е толку голем, што не е доволен само теоретски дискурс во етиката (за прашањата што е таа, каде ѝ се изворите, каков е дел на човечкиот дух и душа, како функционира моралот, кои се формите на етиката...), туку за етичкото кажување да биде прифатено и ефикасно нужна е и разработка на идеалите, вредностите, нормите и нужните морални дејства. Практичната етика не е само концепциски дел од целосната етика, туку можеби нејзин најзначаен дел. Биоетиката, како што покажавме во еден текст, која тешко може да се обликува само како теорија без предложена практична активност за нејзино спроведување, веројатно во иднина ќе го заземе местото на етиката. Или така ни се чини.

УНИВЕРЗАЛНАТА ЕТИКА е најинтересниот подем на етиката денес. По прв пат во историјата тоа нема да биде натпревар помеѓу етичките идеи која

е подобра и поприфатлива за луѓето, туку проникнување на етичките вредности и норми во **единствен морален систем**. Таа заедничка општа етика се создава од визиите и објаснувањата од најзначајните етичари од сите времиња и од сите народи. Така таа се стреми да израсне од високите дострели на најдоблесните светски личности.

Ваков комплекс на етички вредности може да го насетите и во нашава книга. Она што во неа ќе го најдете дека е највредно за моралот, или што сѐ уште има значење иако изминало многу време од кога е изградено, тоа ќе биде елемент и срцевина на Универзалната етика. Се разбира, обидите да се создаде таков единствен морален поглед на светот влијае врз оформувањето на Универзалната етика, но таа жива етичка конструкција има своја логика и ќе има свој развиток онака како што луѓето ќе се поврзуваат и ќе растат големите проблеми за кои луѓето мора да најдат и спроведуваат исти норми. Денес знаеме дека врвна вредност на Универзалната етика е *Миро̄т*, не како отсуство на војна или воздржаност од насилство само затоа што немаме средства да го спроведуваме, туку како идеал замислен кај етички доблесните миротворци, како доброволно приклучување кон ненасилството и љубов кон другите, а отфрлање на злобата и непријателството како човечки интереси и страсти. Кон Мирот се приклучуваат како универзални вредности Пријателството, Солидарноста, Соработката, Достоинството на човекот, Грижата за Природата, Чувањето на здравјето, Помагањето и сличните добри замисли и насоки на денешното и утрешното човечко дејствување.

За сомневањето дали ќе може да се создаде и да функционира Универзалната етика, како одговор треба да се посочи градењето на заедничка судбина на современиот свет и оформувањето на заеднички институции и политика. За научната скепса за можноста на Универзална етика, одговорот е во историските капацитети на одделните етички визии (будизам, христијанство, стоицизам...), кои можеле илјадници години да влијаат со морални идеали и соодветни норми. Тие се покажале ефикасни кај човештвото, тоа е проба и развој на етичките сили за универзално дејствување (кај нас книга-дисертација за Универзалната етика напиша мојата кандидатка д-р Бранка Минчева-Коцевска).

СОВРЕМЕНАТА ЕПОХА започна со Ренесансата и Просветителството - етичките идеи пред тоа се интересни или важни и денес, но новите се поблиски до денешните потреби и дух на човекот. Внатрешната димензија на разбирањето е поврзана со материјалните аспекти на живеењето, но и со нужноста на здравствена заштита и со богатството на културата. Сплетот на сите нишки во човекот и на енергиите од разни извори, во секого градат единствена целина, од која произлегуваат ставовите и желбите.

Во модерната ера, покрај концепцијата, оправдувањето и развитокот на човековите права (*Општата декларација за човековите права* на ОУН од 1948 година е најзначаен етичко-правен документ на новата и идната епоха), три вредности ги обликуваат човечкото постоење и мислење. Искажани се со францускиот (1789) лозунг СЛОБОДА-ЕДНАКВОСТ-БРАТСТВО! Тоа е израз на големите откритија и достигања на човечкиот ум во ерата на развојот на науката, на Проветителството, а истовремено и потик за новиот подем на човештвото, кон неговите височини и етичка доблест. Во изминатите 230 години се случија многу нови нешта, развој на науката и на техниката, на индустријата и на животните можности, се изменија доживувањето на светот и стилот на изразувањето... Но, имаше и грди војни, уништување на народи и култури,

зверства како во најстрашните варварски походи и разбивање на позитивната слика за човекот. Сепак, *Слободата* се разви, денес сме послободни и како индивидуи и како народи, и како дејци и како творци. Исто така и *Еднаквоста* е составен дел на човечкото разбирање на луѓето и е базичен став за односите помеѓу ближните и сличните. Остана неразвиена вредноста *Братство*.

Во иднината тоа ќе биде задачата на човештвото, негова етичка визија. Но тоа не значи само репетирање на идејата за еднаквоста на сите, туку специфично разбирање и волја за поврзување на човекот со сите животни ентитети. За братството не е доволен *антропоцентризмот*, истакнување на човекот како прв и единствено важен сегмент на универзалната егзистенција. Етичарите истакнуваат дека треба да пристапиме кон *биоцентризам*, кон љубов и одбрана на сé што е живо. Ни тоа не стига. Во овој брз живот со непрестајни промени, сега сме веќе сигурни дека е нужен *физиоцентризам*, разбирање дека сме едно со сите форми на постоењето, зашто атомската и субатомската структура на сенешто е иста. Ние постоиме заради љубовта помеѓу маж и жена, која ги споила елементите (како што опишува Емпедокле) и ни е дадена шанса да уживаме во сеопштите благодатти на Земјата и Вселената и да придонесеме кон развојот на човечкото и сеопштото живеење. Кога свети Кирил вели дека Господ на сите испраќа светлина и дожд, тоа не се однесува само на луѓето, туку на сите живи суштества, како и на сé што постои.

Така треба да размислуваме во смисла на универзалните вредности и права, кои треба да ги уживаат сите. Новата Биоетика не нé учи само како да го чуваме својот живот, туку да размислуваме и да сме загрижени за сето што постои. *Агапизмот*, љубовта за сé, е новата етика, која ни ја покажа Мајка Тереза. Тоа може да се прави со силите кои ги имаме, со умот кој ќе нé води да ги разбереме Космосот и Бога, со енергијата која можеме да ја даваме за опстојба на саканите нешта, со динамиката која е вградена во нас со настапувањето на животот. Етичкото образование треба да биде таа едукативна вештина која секоја млада личност ќе ја подготви за правилно живеење и ќе ја опреми со вредносни знаења и добра волја за правење добро. Најстариот филозоф Хераклит, крал кој се откажал од кралството за да се дружи со децата, ни кажа: **Судбина на човекот му е етосот** (моралниот квалитет).

Тоа може да го научиме од прегледот и читањето на поуките и пораките на најзначајните светски етичари, кои сега се објавуваат во Кавадарци, онака како што се јавувале на разните страни на светот.

# 1. Заратустра

## МАГ НА ДОБРОТО



На почетокот на секоја човечка дејност некоја личност го дала првиот импулс за тој вид човечко интересирање и постапување. Персискиот мислител Заратустра е **првиот светски етичар**, тој прв почна систематски да расправа за доброто и злото и да им укажува како научник на луѓето по кој пат да појдат за да го постигнат доброто и за да им биде добро.

**Заратустра**, Заратуштра (на старохеленски Зороастер, што значи “златна ѕвезда“) е роден во источниот Иран во 630 година пред н.е. во племето Спитама. Традицијата зборува дека почнал да проповеда “258 години пред доаѓањето на Александар Македонски“ (македонскиот крал го освоил и разурнал главниот персиски град Персеполис во 330 година). Но, има и други сведоштва, дека Заратустра векувал едно столетие порано, или половина милениум или дури цел милениум пред тоа; во секој случај, тоа било пред кој и да е друг етички мислител. Истовремено за етичкото сознание и изградба е значајно тоа што Заратустра бил историска личност, се знаат неговото потекло, живот и дела, тој настапувал во конкретни човечки и социјални ситуации, а директно зборувал за дејствена етика и ги уверувал луѓето за потребата и за корисноста на моралот. Обемното дело "Зенд-Авеста" е преведено на големите светски јазици.

Кога имал 30 години дошол до полно сознание за верата и моралот, во 40-тата се здобил со првиот ученик, а кога имал 57 години неговото учење го прифатил кралот Виштаспо. Иако ова учење станало долготрајна и влијателна религија, Заратустра не бил мистик ниту чудотворец. Тој зборувал за реалното создавање на светот, за силите кои во светот се борат за да превладеат и за онаа Сила која ги надвладува сите други сили. Препорачувал вистински морални норми. Заратустра е философ, се обидува да ја сфати сушноста на постоењето, да ги објасни врските и релациите во светот и местото на човекот во светот. Новината на Заратустра е исто така што **етиката ја поставува во центарот на размислувањето**. Основните начела на етиката тој ги воздигнува до животни и светски принципи. Тој е етички мудрец, силно морално насочен и се интересира пред сé за етичките димензии на егзистенцијата.

За Заратустра сето постоење се дели на **два противставени пола**. Тоа се светот на доброто и светот на злото - во едниот владеат силите на светлината, вториот е царство на темнината. Светот на светлината, на доброто и на справедливоста ги олицетворува мислите и пораки на врховниот бог Ахурамазда (Ормузд), божество на добрината и мудроста. Во светот на темнината и на злото доминира лошиот дух Ахриман. Светлината и темнината, доброто и злото водат ожесточена, бескрајна борба. Помеѓу нив има неминлив процеп. Духовите на доброто даваат енергија за создавање и градење, силите на злото водат кон уривање и уништување.

Заратустра ги пофалува чесноста, вистинољубивоста, верноста, а ги осудува лагите, кражбите, злосторствата и престапите. Тој го повикува човекот

да стане подобар, чист, справедлив, да се освести и да дејствува позитивно, да се насочи против злото и да вложи напори во таа борба. Трите атрибути на Ахурамазда се *Добра мисла*, *Добар збор* (поука), *Добро дело* (Справедливост) - верата ќе ги определи нив како израз на добрата душа, на Месечината и на Сонцето. Затоа должноста на човекот е **да одгледува добри мисли, да кажува добри зборови и да прави добри дела**. Заратустра ги повикува луѓето да бидат добронамерни, да бидат умерени во посакувањата и страстите, да се стремат да живеат во мир и во пријателство со сите, да им помагаат на ближните.

Оваа **етика на добродетел** - на вистинска мера, добра волја, чесност и пристојност - има посебно *хуманистичко* значење, поради укажувањето на Заратустра дека злото и доброто, животната радост и страдањето зависат од самите луѓе. Луѓето имаат **слободна волја** за да решат. Човек не е ниту слуга ниту роб на Бога, туку суштество кое може слободно да направи морален *избор*. Мудриот човек ќе го одбере патот на вистината, на светлината и на редот, што ќе го поврзе и изедначи со силите на доброто, а на овие ќе им помогне да ги победат силите на злото. Најголемиот човеков дострел е да оствари победа на Доброто во себе, во своите мисли, зборови и дела. Значи, луѓето можат да бидат творци на својата среќа (слична е идејата на индиската *карма* - според која човековата судбина зависи од квалитетот на човековиот избор и дејства). Определувањето на луѓето за добрина, чесност и чистота е услов да постигнат успех во борбата против злото. Оправданоста на етиката се потврдува со постигнатиот морален квалитет на светот, како и со животниот баланс на секој човек посебно. Судбината на човекот и по смртта е определена од неговите етички дела, зашто бесмртноста на душата (а телото нема никакво значење по смртта) зависи од неговата етичка настроеност и дејствување. Ако човекот верува во добрината, ако оди заедно со силите на доброто и светлината, ако е активен во борбата против злото и темнината, може да очекува рајско блаженство. Во спротивниот случај, се сместува среде нечистотија, во светот на злото и кај духовите на темнината.

Заратустра е пророк-возобновител, кој врз појасни духовни основи ја постави старата иранска вера, една од првите индоевропски религии. Во неа според природниот закон се движи Сонцето, течат реките и се сменуваат годишните времиња. Во светската законитост се вклучени и праведноста, вистината, редот. Нивна спротивност се нередот, лагата и неправедливоста. Според Иранците, луѓето се *ашаван* (праведни) или *другвант* (приврзаници на злото). Како етички реформатор, Заратустра му се восхитува на Доброто и се прашува како да го избегне и совлада Злото, тој сака да ги награди добродетелните и да ги казни лошите. Тој се срди на негативната животна практика, особено на лошите постапки на духовните водачи и на световните владетели, и укажува какви треба да бидат правилните постапки на секој човек за животот да биде добар, и за таа личност и за сите луѓе. Законот (т.е системот на животните правила) е над човекот, законот е вечен и израз на трајната справедливост. Но, човекот може да ги повредува правилата и да не ги следи; тогаш неговите дела се израз на лошата сила и на злите намери. Заратустра ги осудувал крвните жртви и оргиите, ги сметал за лудост. Тој бил против секаков вид насилство, ја мразел нечесноста, а особено ја осудувал лагата. Тој сакал да го заздрави човечкиот дух, чија болест се олицетворува двојно - како нихилизам наспроти животот и како песимизам пред животните тешкотии.

Заратустра дал **нова насока на човечкото живеење**. Ги охрабрувал луѓето да ја побараат во себе добрината како смисла на постоењето. Дури самиот се жртвувал за да овозможи општо спасение. Го убиле застапниците на злото. Како

апологет на мудроста и на добрината, Заратустра овие две човечки сили ги поврзал во едно. Мудроста за него не е сезнаење или способност за мислење. Мудроста е животен ум и произлегува од искуството на доброто постапување, како и од сознанието за творечките сили на светот и на човештвото и од нивното следење. Мудроста на Заратустра е слична на она што подоцна ќе се нарече *философија*, насоченост на умот кон сознавање на вистината, на законитостите и на најдоброто однесување.

Заратустра изградил една од првите форми на *монотеизмот*, истакнувајќи еден Господ. Тоа е бог на сонцето, на животната светлина, на умот Ахурамазда (*ахура* се индоевропски божества, кои се трудат да воведат ред во светот, кои се борат против хаосот, темнината и злото; *мазда* значи "мудар", како основен белег на позитивното суштествување). Меѓутоа, Ахурамазда не е директен наредбодател на моралните норми, тој повеќе ги означува моралните граници. Божјата мудрост е образец за човечката потрага по умноста, а Божјата добрина е извор за секој човек да се насочи кон доброто со својот став и дејствување (додека злото е својство на негативното божество и поттикнува уништување). Заратустра укажува дека разликата меѓу доброто и злото не е очевидна, дека за тоа има илузии и измами, предизвикани од навиките и од занесите, и дека човек тука лесно паѓа во заблуда, како и кај многу други прашања. Откритието и следењето на доброто е плод на мудрото сознавање, резултат на духот кој е насочен правилно со напорот на самата личност. Бог, како и првиот етичар, се обрасци и учители - како тогаш пред 3.000 години, така исто и денес.

Германскиот мислител **Фридрих Ниче** (1844-1900), со амбиција да ги превреднува сите вредности, напиша маестрална творба "Така беседеше Заратустра" (1883-1891), едно од најубавите современи философски дела. Подражавајќи го стилот на поетските гати на древните маги, Ниче на Заратустра му даде улога да ја негира вообичаената моралност, за чие инаугурирање и ширење во човечкиот род тој всушност го обвини првиот етичар. Неговиот измислен Заратуста се воздигнува сепак (натчовечки) во планински, духовни и слободни етички височини.

Учењето на Заратустра како *маздаизам* (според врховниот бог Мазда) во разни верзии било државна религија на Персија 13 векови. Свештениците на таа религија ги нарекувале *маги*. Тие го славеле *огнот* - кој трајно го одржувале на високите олтари - што е стар персиски симбол за возвишеноста, универзалноста и за животот.

Низ Медитеранот се раширила една варијанта на оваа религија, која истакнувала друг бог - митолошки **Митра**, роден на 25 декември, *спасител*, личност која ќе ги поврати загубените моќи на човекот, посебно оние за правилно етичко избирање (*митраизмот* своевидно ќе се одрази и врз христијанството, а исто така со својата општа прифатеност ќе го подготви Рим за новата светска вера).

Подоцна од истите ирански пазуви е зародено **манихејството**, мешавина меѓу христијанството и дуалистичкото сфаќање на светските принципи, каде што основно е судирот меѓу доброто и злото, чистото и валканото. **Мани** (216-276), персиски пророк, основал влијателна гностичка секта, која бранела вера слична на христијанската, но истовремено и особен рационализам и учења на различни светски религии. Оваа вера стигнала дури и до Кина, каде била и државна религија (763-840). Прогонети од официјалното христијанство, манихејците се разместувале по селата и слабо населените области на Мала Азија. Се застапувале за *радикален дуализам*, го претставувале светот како

смеса од Темнина и Светлина. Биле строги аскети и се надевале на спасение, кое ќе го донесат личности со космички функции (како Мани и Христос). Нив ги гонеле и преселувале на Балканот, каде што од нивните позиции произлезе и **богомилството**, зародено кај нас. Оваа дуалистичка струја, со остар аскетизам, ги критикуваше верската организација и социјалната експлоатација, а организираше свои бројни заедници, кои се повлекуваа во планините и им даваа отпор на средновековните христијански верски и световни власти. Беше слична на порано создадената секта **павликени**. Против двете струи Византија и христијанството водеа жестока противкампања (денес дури немаме книжевни извори за богомилските учења). Од ваквите дуалистички секти се развија **катари**, **валденси** и **албижани**, во Северна Италија и во Јужна Франција, против кои католичанството силно се бореше, дури организираше и посебна крстоносна војна, сé додека не ги уништи. Овие идеи влијаеја врз учењата и моралот на првите *протестанти* - сите тие, како Чехот **Јан Хус** (спален во 1415 година), се истакнувале со скромноста, аскезата и со желбата за разумен човечки прогрес, но биле убивани, а доктрините искоренувани. Во САД се населија и останаа заедници на *Моравски браќа*, далечни потомци на трагичните жртви на моралистичките персиски и европски манихејски струи.

Во 652 година во Персија се рашири исламот. Во неговата *шиитска* варијанта, која доминира во Иран, проблеснува како духовна нишка строг и остар тон на етичката самосвест, израз на апсолутизираниот конфликт меѓу доброто и злото.

Денес околу 100.000 *Парси* во Индија се последните следбеници на маздаистичката религија на огнот и на етиката на Заратустра. Имаат исклучително строг морал и возвишено сфаќање на должноста. Бидејќи ги сметаат за најморални личности, ним им доверуваат сложени трговски и финансиски трансакции. Секој верува во нивното чувство на доброто, во нивната чесност и вистинољубивост. Во светот и натаму се води борбата меѓу доброто и злото, а моралните луѓе знаат на која страна да застанат во оваа огромна непрестајна животна битка.

**Фрагменти од Заратустра**

"Со своите уши ослушнете што е најголемо добро,
гледајте со јасна мисла,
направете свој избор, секој за себе,
пред да се случи нешто важно
како резултат на нашата намера."

"Не бидете заспани пред трите најдобри нешта: добрата мисли, добриот збор, доброто дело (праведното)! Отфрлете ги далеку од себе најгрдите нешта: лошата мисла, грдиот збор, стореното зло (неправедливоста)!"

"Кажи ми го, Господе, она што треба!... Со исправноста да дојдам до сознанието за совршенството на живеењето, да разберам што треба душата да ми избере и тоа да го постигнам!"

# 2. Мојсеј

## ДЕСЕТ ЗАПОВЕДИ



Некои од најзначајните и најтрајни морални норми се добиени од дамнина од пророците како порака од Бога. Нив луѓето ги чуваат и пренесуваат како први и најзначајни духовни и етички вредности. Такви се **Десетте Божји заповеди**, кои веќе три милениуми се основа на етичката практика. Нив на луѓето им ги соопштил израелскиот пророк Мојсеј.

**Мојсеј** е една од најинтересните личности во човечката историја. Живеел во 13-тиот век пред н.е., кога бил висок службеник на лошиот египетски крал, но ги отргнал потлачените израелски племиња и преку Црвеното Море и Синајската Пустина ги одвел до ветената земја. Иако бил херој и водач на својот народ, Мојсеј имал едно од најважните човечки својства - *скромност*. Во петте први книги на Стариот Завет, кои му се припишуваат нему, се опишани силата и водителскиот дух со кои тој ја развил **монотеистичката религија** како една од најголемите духовни придобивки на човештвото. Тој ги поврзал јудејските племиња и ги поттикнал на духовен и физички напор да издржат 40-годишно талкање низ пустината. На тој пат е воспоставен прочуениот сојуз на Израелците со Бога, врз основа на којшто тие сметаат дека станале избран народ, кој има обврска да верува во еден Бог, да ги слуша неговите налози и да ги исправи грешните постапки и погрешните ориентации на прародителите на човештвото, за луѓето да тргнат по вистинскиот пат и да најдат спас од страдањата, за кои тие самите се виновни.

Дел од ова духовно разбудување е и добивањето од самиот Бог особена задача за правилно однесување. Десетте заповеди Мојсеј ги примил **лично од Бога** (тоа е опишано во Втората книга Мојсеева, глава 20). Луѓето биле во тешка ситуација. По страдалничките векови и откако успеал да се измолкне од туѓинската тиранија, наместо слободата да ја ужива достојно, со човечка височина, народот израелски се занел и под форма на "слобода" правел најнеморални, неубави, богунеугодни дела. Тогаш Господ на врвот на Синајската Планина на Мојсеј му ги предал заповедите, врежувајќи ги со огнени стрели во каменот, како негова *објава* дека луѓето треба да го прават токму тоа што е запишано за да живеат морално и достојно. Заповедите имаат нишка на неодложно дејствување, неотстапување од нивната смисла, но нивното значење е всушност "*она што не треба да се заборави*". Заповедите се дела кои луѓето не треба да ги запоставават, тие можат да ни донесат само добро.

Со Десетте Божји заповеди на човекот му е дадена недвосмислена задача својот живот да го води добро. Почитувањето на заповедите значи **правилно живеење** (во многу религиски заедници, навечер насобраното семејство ги чита Заповедите како основна духовна задача). Десетте заповеди се основа за исправно однесување, за квалитетно ориентирање на своите желби и цели и за достигање на висок степен на добрина. Заповедите ни овозможуваат да имаме

пријатно чувство дека сме добри луѓе, кои и себе си и на другите им правиме добро и придонесуваме кон добрите човечки односи. Десетте заповеди нѐ учат дека смислата на егзистенцијата на човекот е да биде етичен.

Со **првата** заповед "Јас сум Господ, Бог твој, да немаш други богови освен мене!" Бог им говори на оние кои ги ослободил и извел од земјата на ропството дека ги штити, мисли на нив, заслужува тие да му веруваат, но и да имаат страв од Него. Бог е семоќен и ги љуби. Луѓето не треба да имаат друга вишна сила на која би ѝ верувале и би ја сакале (ова е особено важен став, спореден и со искуствата во модерната епоха, кога луѓето ги обоготворуваа водачите, фирерите, генералисимусите, маршалите..., или некакви сомнителни личности-ѕвезди - така се подјармуваат, а заборааат дека единствено само на Бог може да му се дари таква љубов).

**Втората** заповед кажува: "Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата, под земјата, немој да им се поклонуваш и да им служиш!" - Бог бара доверба од човекот. Бог е невидлив, не се шета по светот во човечки или во некој друг лик, како античките божества. Тој не може да биде претставен во лик создаден од човекова рака. Многубошците се молат на скулптури или со подароци ги поткупуваат замислените божествени ликови. Единствениот Бог се искажува на друг начин, на пример со историското случување, иако самиот не се покажува. Правењето претстава на Божјиот лик би значело негово изедначување, според моќта и значењето, според степенот на човечката почит, со другите божества или човечки суштества. Ликовното непретставување се компензира со душевната предаденост кон Бога. - Двете први заповеди, иако се однесуваат на теолошки аспекти, се исто така и етички, колку и последователните заповеди, кои имаат понагласена морална конотација.

Со **третата** заповед "Не изговарај го напразно името на Господа, твојот Бог!" Бог станува против злоупотребите на своето име. Неговото име е *свето*, Бог треба да се прифаќа со посветеност, извор е на спас, уточиште и последна одбрана. Името на Бога не смее да се употребува за магии, при кривоклетство, ниту за себични цели. Со љубовта кон Бога никако не оди негово повикување за обични дејства, негово влечење (по калта) на секојдневицата, пцуење и испраќање клетви божем во Божје име, или колнење во Бога, а дејството зависи од нас, и сл.

**Четвртата** заповед инсистира: "Спомнувај си за денот на одморот за да го празнуваш!" Објаснувањата кажуваат: "Шест дена работи и сврши ги во нив сите работи свои, а седмиот ден е сабота Господова, празник на твојот Бог; тогаш немој да вршиш никаква работа, ни ти, ни синот твој, ни ќерката твоја, ни слугата твој, ни слугинката твоја, ни волот твој, ни ослето твое, ниту придојдениот, кој се наоѓа кај тебе... - оти за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сѐ што е во нив, а седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети". - Мрзеливоста не е сакана, но добродетел не е ни претераното искористување на човековите сили, ниту на своите, ниту на другите луѓе кои ни се подредени. Циклусот на живеењето и на дејствувањето е долг, човек мора да знае дека од него се бара долготрајна посветеност, а не кусотрајно дотолчено цедење, што човека го оневозможува да работи низ целиот живот и всушност го исклучува од целината на животот. Со оваа заповед во човештвото е воведен стандарден седмичен турнус, кој сега секаде се почитува во светот (кај Римјаните тој изнесувал 10 денови).

**Петтата** заповед "Почитувај го таткото твој и мајката твоја, за да ти биде добро и да поживееш долго на земјата!" укажува дека не треба да им правиме

неправда и зло на оние што нѐ родиле и одгледале, дека нив треба да ги почитуваме, да ги слушаме, сакаме и да им помагаме. Човек мора да има свест за живејачката, мора да живее достоинствено, исправно и морално. Во тоа секако е вклучен и правилен однос спрема родителите. Кој ги почитува своите родители (кај Кинезите дури - предците) обезбедува справедливо однесување и добро одвивање на животот, тој не ги прекршува радоста и смислата на раѓањето и на одгледувањето на младите.

**Шестата** заповед инсистира: "Не убивај!" - Не смееме да го повредуваме она што е живо, особено не ближните, нив да ги уништуваме и да им нанесуваме болки, туку треба меѓусебно да си се помагаме и потпираме. Егзистенцијата значи непречено одвивање на животните процеси. Убивањето, укинувањето на животот, одземањето на правото на постоење го спречува тоа. Додека трае, животот е свет. Правдина е кога животот тече непречено, а неправдина кога тој е укинат од злосторничка рака, која го повредува најнеприкосновеното лично право на секое суштество. Убивањето е спротивно на секоја форма на постоење. Тоа е најголемо злосторство, најсериозно, непоправливо човеково недело. (Овој став постои во секоја развиена религија и е еден од базичните во современата *биоетика*, а посебно ги поттикнува помодерните *аболиционистички* етички барања за укинување на смртната казна, која многу често авторитарните режими ја користат токму за уништување на бројни членови на своите општества.)

**Седмата** заповед "Не прави прељуба!" инсистира на чесноста во љубовната врска како една од најважните форми на човековиот живот. Чесноста, заемното почитување, заедничкото договарање, довербата ги крепат меѓусебната љубов и врска. Прељубата претставува предавство на најблискиот, воведување на мамење и на нетрајност во односот, отвора недоверливост во целината на животното настапување. Меѓусебната идеална приврзаност е пат по кој се гради доброто за сите, особено за членовите на семејството. (Во современиот свет болеста СИДА - како во поранешните времиња сифилис - покажаа дека довербата помеѓу брачните партнери, што значи меѓусебно етичко однесување, е единствената одбрана од овие и од сличните најопасни болести.)

**Осмата** заповед "Не кради!" бара да не одземаме од ближниот ни пари ни имот, ниту да се служиме со нечесни средства и измама за да придобиеме нешто. Во економската дејност треба да бидеме чесни, да ја контролираме алчноста, за со неа да не ги повредуваме другите. Со другите луѓе треба заедно да го градиме животот и да си се потпираме, помагаме и крепиме во животните тешкотии. Заповедта за некрадење инсистира да се свртиме кон себе и своите ангажмани, а да го почитуваме другиот и неговите идеи, настојувања и имот. Откраднатото, незаработеното, здобиеното со одземање е лажно, економски потенцијал без вистинска сила, материјална моќ без човечка покрепа.

**Деветтата** заповед инсистира: "Не сведочи лажно против својот ближен!" - Страшно е човекот својата моќ на мислата, на говорот, на исказот - кои му се дадени да ја дофаќа вистината, да го соопштува сознаеното и да се разбира со луѓето - да ја користи против другите луѓе, со кои го дели животот, за да го фрла кал врз својот близок и да го упропасти. Најголемо зло се озборувањето, оцрнувањето, оговарањето, кодошењето, лажното сведочење, неговорењето вистина за другиот, користењето на својот дух и говор да се уништи другиот, соучесништвото во неговото упропастување (затоа е и потегната *лустрацијата* по пропаста на социјалистичките режими, кои системот на кодошење го користеа за упропастување на своите сограѓани). Лагата и лажното сведочење претставуваат негирање на умот и говорот, тие се основа за неверување во тие

основни човекови сили и за нивно отфрлање, за уривање на рационалната основа на постоењето. Зборувањето вистина е света задача. Лажливиот збор против другиот човек го прави светот недоверчив и исплашен. Лажните сведоци се крадачи на животот на другиот.

**Десеттата** заповед предупредува: “Не пожелувај ништо што е туѓо!“, со дополна: “Не пожелувај ја жената на ближниот свој, не пожелувај го домот на ближниот свој, ниту нивата негова, ни робот негов, ни робинката негова, ни волот негов, ни ослето негово, ни секаков добиток, ниту нешто друго, кое е на ближниот твој!“ - Бројни и силни страсти го носат човекот кон желби и активности, кои често ги нарушуваат егзистенцијата и имотот на другиот. Туѓото може да стане посакувано, а копнежот по тоа да поттикне негово одземање. Човекот тогаш се претвора во *ѕвер* без етика, која го следи законот на џунглата - во која начело е дрскоста и секој има право да прави и зема сѐ, стига само да е посилен (како лав) и настојчив (како мршојадците). Етичката заповед за воздржаноста кон домот на другиот, кон луѓето со кои човекот го дели животот, кон елементите на неговиот живот порачува во нас да не возникнува завист кон нештата на другиот, да не се буди желба по нешто што не е наше, да ги смириме негативните поседнички елементи на човечката душа. Со одземањето на нешто што му припаѓа на друг човек - како и со другите повреди на словото Божје - човек почнува да не го почитува доброто и да ги повредува и другите Божји одредби за доброто.

Десетте Божји заповеди пренесени од Мојсеј се **најпознатиот етички систем** во човечката историја. Тие ги водат луѓето три илјади години *по правите животни патишта*. Јасни и недвосмислени, прецизни и образложени, Заповедите се силна етичка основа за градење на животот во неговата разновидност, но се застапуваат за еднозначност на обврските кон себе и кон другите. Десетте заповеди се срцевина истовремено и на религиските и на антрополошките сознанија, јадро и на етичкиот и на правниот систем. Тие се база и на индивидуалниот и на социјалниот морал. Затоа со столетија Заповедите се почитувана и спроведувана етика. Иако луѓето ги повредуваат Заповедите, сепак ги носат во своите срца и кај секој човек може да најдеме нивни елементи, а кај достојната личност тие се постојан морал. Етичката визија на Заповедите е универзална и длабока, потврдена е во минатото и во сегашнината, од Мојсеј до денес, и согледливо е дека тие ќе важат и за иднината, до крајот на светот.

**Светото Писмо**, во кое се дадени Десетте Божји заповеди, содржи текстови за создавањето и за далечното минато на првата монотеистичка вера, како и за настаните околу Исус Христос и неговите учења и за дејноста на неговите први ученици-апостоли за ширењето на новата вера христијанството (Стар и Нов Завет). Библијата е најмногу издавана и преведувана книга на светот (на словенскиот јазик први ја преведоа светите *Кирил и Методиј* во IX век, а на современиот македонски јазик еден од првите поглавари на Македонската црква архиепископот *Гаврил*). Библијата е преполна со **морални раскази и поуки**, секој има значајна симболика и порака до луѓето да бидат морални. Потсетуваме само на прекрасните зборови на израелските кралеви Давид и Соломон, двајца од најумните луѓе и големи етички учители. **Давид** (X век пред н.е.) е познат според тоа што со *храброста* го совладал огромното зло олицетворено во дивот Голијат. Бил голем поет, составил прекрасни *Псалми*, кои претставуваат целост за човечкиот живот и мисли, од кои може да се научи сѐ што е добро и зло. Го приведуваме псалмот 14: "Господи, кој може да се всели во Твоето живеалиште?... Оној, кој оди непорочно, што врши правда и во срцето

свое говори вистина. Кој не клевети со јазикот свој, не прави зло на ближниот свој и не го навредува ближниот свој; во неговите очи, злобникот е ништожен, а ги почитува оние кои имаат страхопочит кон Господ; кој кога се колне на својот ближен, не порекнува; кој не дава пари на заем на лихва и не прима поткуп против невин. Кој така постапува, нема никогаш да се поколеба".

Неговиот син мудрецот **Соломон** го унапредил царството и го изградил прочуениот *ерусалимски храм*. Бил многу мудар, неговата умност се пофалува до денешни дни. (Лекарот и професор *Франсоа Рабле*, 1494-1553, во романот "Гаргантуа и Пантагруел" ја дава оваа, денес актуелна, основна мисла за *етиката на науката*, кажана од Соломон: "**Знаењето без совест е ништожно!**"). Од "Мудрите изреки" на Соломон го донесуваме воведот: "...за да се познае мудроста и поуката, за да се разберат изреките на разумот; за да се усвојат правилата на благоразумието, правосудието, судот и правината; да им се даде на простите разумност, на младите - знаење и расудување. Ако мудриот слуша, ќе ги умножи знаењата свои, и разумниот ќе најде мудри совети" и: "Расудувањето ќе те брани, разумот ќе те чува, за да те спаси од лош пат, од човек кој говори лага, од оние што ги напуштиле патиштата на правдата..., од оние што се радуваат вршејќи зло, кои се восхитуваат на расипаност...". Во една од најумните светски книги "Проповедник" стои: "Суета над суетите... и сé е суета!... Сé има свое време, и секоја работа под небото има свое време; време кога ќе се родиш, и време кога ќе умреш; време кога садиш, и време кога го корнеш насаденото; ...време кога се урива, и време кога се гради; време кога се плаче, и време кога се смее; време кога се тагува, и време кога се игра..., време кога се молчи, и време кога се зборува...". Од "Мудроста Соломонова" еве неколку примери за методот и за силните етички пораки: "Ниту еден што говори неправедно, нема да се сокрие"; "Мудреците се спасение за светот, а разумен цар - благосостојба за народот"; "Служењето на идоли... се почеток, причина и крај на секое зло"; "Одвај можеме да го сфатиме она што е на земјата, со мака го разбираме и она што е во нашите раце, а што има на небесата - кој проверил?!"

Ова е предлог за читање и етичко размислување за величествениот Стар Завет, во кој се потсетува дека Спасителот-Месијата ќе биде од родот на Давид, што ќе го олицетвори Исус Христос.

## ДЕСЕТТЕ БОЖЈИ ЗАПОВЕДИ

(во официјалната верзија на Македонската православна црква)

1. Јас сум Господ, Бог твој, да немаш други богови освен мене!

2. Не прави идол или слика на она што е горе на небото, што е долу на земјата и што е во водата, под земјата, не им се поклонувај и не им служи!

3. Не го изговарај напразно името на Господа, твојот Бог!

4. Спомнувај си за денот на одморот за да го празнуваш, шест дена работи и сврши ги сите работи, а седмиот ден посвети го на Господа, твојот Бог!

5. Почитувај го твојот татко и твојата мајка, за да ти биде добро и да поживееш долго на земјата!

6. Не убивај!

7. Не прави прељуба!

8. Не кради!

9. Не сведочи лажно против својот ближен!

10. Не пожелувај ништо што е туѓо!

# 3. Махавира Џајна

## НЕ ПОВРЕДУВАЈ ГО ЖИВОТО!



Етичарите се застапуваат за добро однесување, што пред сé подразбира лична воздржаност и почитување на другите луѓе и на сé што е живо. Етичките вредности и моралните норми ги истакнуваат најдобрите карактерни својства на човечкото суштество, неговата способност да ги разбира другите луѓе, неговата сила да го контролира своето поведение, неговата желба за соработка и да биде солидарен со луѓето и да го чува сето што е живо. Но, и кај етичарите може да се сретнат градации во определувањето на височината и остринатa на етичките барања. Еден од нив, големиот мајстор на етиката Махавира Џајна, се заложува за **етичност до крајните граници на човечкото воздржување од правење некакво зло**.

**Џајна** е роден во 599 година пред н.е. во благородничко семејство во северната индиска држава Бихар. При раѓањето го добил името **Вардамана**, што значи "оној кој постојано расте", кој "донесува просперитет". Мајка му и татко му веќе припаѓале на религијата што тој ќе ја прослави, која според преданието започнала илјадници години порано и во чие развојно стебло дотогаш имало 23 *тиртанкари*, чие име значи "оние кои подготвуваат премин на другата страна", кои "ги отвораат патиштата". Првиот тиртанкара Ришаба живеел во мугрите на човечката цивилизација, послед-ниот Паршва 250 години пред да се роди Вардамана. Во 30-тата година од животот младиот човек решил да го стори она што во Индија било обичај кај многу способни личности - да се повлечат во осаменост и да се предадат на духовната активност. Се откажал од световните нешта, со дозвола од братот го оставил семејството, го разделил имотот, тргнал да талка. Ја отфрлил облеката и се завиткал со парче крпа. Тогаш рекол: "Среќни сме и живееме среќно ние кои немаме ништо наше". По некое време крпата се закачила за трн и тој повеќе не носел облека.

Вардамана станал *краен аскет*. Медитирал и дење и ноќе. Станувал во три наутро и, без прекин размислувајќи, одел од место до место. Постел долги периоди, со недели дури се воздржувал од пиење вода. Кога ќе отишол кај некого да пита за малку јадење, ако имало некој дојден пред него или тука се

вртеле куче или мачка, тој се повлекувал: “Сите души се еднакви. Тие стасале пред мене и повеќе од мене заслужуваат да добијат. Ако останам, нивиот дел ќе биде помалечок“. Така ја минал цела Индија. Истовремено, со месеци и години го следел заветот за *молчење*. Никогаш на ништо не се пожалил и ја задржувал својата совршена *смиреносӣ*. Одел сосема гол, бидејќи сметал дека поседувањето на што-годе нè спречува да бидеме слободни и да ја достигнеме бараната духовност. Заради своите неверојатни аскетски и духовни достигања го нарекле **Махавира**, што значи “голем јунак“.

Еднаш својата благородност ја изразил со тоа што не ги изгонил кравите кои му го јаделе сламениот покрив на колибата, туку задоволен од нивната среќа продолжил да медитира. Еден од придружените аскети, разбеснет, сепак го искарал дека дури и птиците знаат да се грижат за своето гнездо и дека не може да сфати како таков човек можел да биде благородник и син на поглавар. Тогаш Махавира си определил свои *ӣеӣ лични ӣравила* на однесување: нема да останува на местата каде што неговиот престој им предизвикува неволја на другите; ќе му биде важна само душата, не и телото; ќе проговори само ако некој го праша нешто или ако пита за храна; ќе прима милосрдие само толку колку што може да му застане на дланката; нема да служи никому за да ги задоволи своите потреби.

Несвесните луѓе често го навредувале или го бркале Махавира. Фрлале земја или ѓубре врз него додека медитирал или ќе го кренеле и ќе го пуштеле да падне. Иако бил многу силен, тој никогаш не возвраќал. За него највозвишеното начело и вера била **ахимса - ненасилство**. Велел: “Кон ближните не биди непријателски наклонет; тоа е закон на оној кој вистински се контролира“.

По 12 години аскеза и продлабочено размислување, достигнал *ӣросвеӣлување*. Сите биле восхитени од неговата чистота и духовна возвишеност. Го сметале за најмудар философ. Тогаш го нарекле Џина или **Џајна**, што значи “победник во внатрешниот свет“, оној кој го освоил сопството. Потоа уште 30 години продолжил да оди низ Индија, проповедувајќи сомилост, трпеливост и крајна воздржаност во сè. Умрел во 527 година пред н.е.

Џајна држел едноставни беседи, седејќи во позата на лотус (крстнозе), најчесто пред цели села и стотици луѓе. Ги преколнувал да се молат и да медитираат, да имаат сомилост за секоја душа и за сите души на земјата и да се откажат од животот со телесни задоволства. Молитвата и медитацијата ги препорачувал како најдобар метод за доаѓање до просветлување, како пат по кој сите можат да одат и да ја достигнат таа висока цел. Кога еден учен (според обичајот на Индија, во која сè уште можат да се сретнат социјално-кастински предрасуди) резервирано го запрашал како тоа и монасите и обичните луѓе, и учените и селаните, и мажите и жените можат да одат по истиот пат и да достигнат исто духовно ниво, Џајна му одговорил: “Сите можат да ја следат Вистината. И ти Вистината ќе ја реализираш доколку им простуваш на сите суштества, доколку одгледуваш пријателство спрема сите, а немаш злоба спрема никого“.

Идејата на овој идеолог на успокојувањето е мошне *акӣивисӣичка*. Тој тврдел дека секој човек **може со свој напор да го оствари ослободувањето**, коешто го сметал за највисок духовен дострел. Во однос на последователните резултати, кои се натрупуваат во душата како резултати од минатите дела, Махавира ќе каже: “Нас навистина нè товарат плодовите од минатите дела, но истовремено имаме способност да го надминеме минатото. Ние не сме заробеници на судбината. Ако се молиме и медитираме можеме да заминеме далеку над дејствата на нашите минати дела“. Во Индија се смета дека со сета

егзистенција управува судбинскиот реципрочен закон (*карман*), но Џајна на тоа додал дека судбинската законитост не владее со ослободениот дух.

Џајна учел дека сé на светот, дури и растенијата, камењата и водените капки, имаат *душа*. Сите суштества имаат еднакво право на постоење. Затоа првата вредност и најважниот морален закон е **почитување на животот**, чување на животот, неповредување на живото. **Давај живот, а не земај го!** - тоа е првата, суштествена норма на џајнистичката етика. Тоа произлегува од сфаќањето на *еднаквоста на суштествувањето*. Како што природата на човечкото суштество е да се раѓа и развива, иста таква е и природата на растенијата. Како што некое суштество има болки кога е повредено, и другото суштество има болки кога го повредуваат. И на едното и на другото им е потребна храна. Како што едното е непостојано, се менува и се загубува, и со другото е ист случајот. Водечка идеја на џајнистите е дека тие "разбрале за себе дека се едно и исто со сенешто, со сé на светот". Тоа посебно се однесува на луѓето - ако се споредат две човечки суштества, ќе се види дека двете имаат иста природа, потенцијали, ист разум.

Врвниот принцип ахимса бара **ненасилство**, толеранција, неповредување, почитување на правото за опстанок секому. Од ова појдовно начело следуваат и другите норми на *строгата* џајнистичка етика. Условот за таква етичка самосвест е да се воспостави контрола над својата душа и однесување. Тоа значи дека на човекот му се неопходни душевна стабилност, духовна отвореност, спокојство, смиреност, чистење од страстите, урамнотеженост, воздржување од диви телесни и силни душевни појави, од постапки кои можат да ја повредат етичката стабилност на личноста.

Кај џајнистите трпеливоста и ненасилството не се социјално интонирани вредности, каква што во современата смисла е *толеранцијата* спрема плуралноста на погледите и на животните интереси и зафати. Кај џајнистите **ахимса е базична норма на индивидуалната етика**, основно начело на постоењето на секоја единка. Затоа ахимса за нив не е изведена норма, нешто неопходно, корисно и потребно, коешто ќе овозможи подобро функционирање на социјалните односи, туку *основен принцип*, кој овозможува добро функцонирање на личниот живот и на личната етика на секое одговорно, задумано, посветено човечко суштество.

Вториот аспект на моралното значење на ахимса се *формите* низ кои се изразуваат воздржаноста и ненасилничкото однесување. Овие се обврзни за секого кој верува во Џајна и оди по неговиот пат. Во џајнизмот постојат и *монаси*, кои се повлекуваат од световниот живот. Кога се посветуваат, тие даваат пет завети: дека во текот на целиот живот ќе бидат во аскеза (ќе го минат животот со откажување), дека ќе зборуваат само вистина, дека нема ништо да поседуваат, дека нема да настојуваат ништо да стекнат и дека ќе останат невини. Тогаш добиваат чанче за милосрдните подароци, метличе да чистат пред себе за да не згазнат некое живо суштество, како и парче муслин, со кој ја покриваат устата кога зборуваат, за да не им влета некоја бубачка и така, дури и не сакајќи, да повредат живо суштество. Тие не излегуваат пред да падне ноќта, за да не повредат некого по патот и да не пречат никому. Носат и ѕвончиња на нозете и одат бавно, ѕвонејќи, за да се чуваат и разбегаат малечките суштества пред нив. Овие морални форми сведочат за силната намера на џајнистите никогаш со ништо да не згрешат наспроти ахимса.

Некои од нив толку се строги во однесувањето, што одат голи, "облечени во воздух", како што правел Махавира, со тоа покажувајќи дека потребите ги сведуваат на минимум. Вториот дел од посветениците се облекуваат, но мошне ригорозно ги следат начелата на вегетаријанството, на непиењето алкохол, на

вкупната воздржаност пред сетилните предизвици, на душевната непоматеност и духовната стабилност. Тоа го прават со радост и спокојство, истакнувајќи ја својата човечност и поврзаност со природата. Денес, кога еколошката етика е една од најважните морални пројави на човештвото, тие укажуваат дека отсекогаш имале изворна еколошка свест за живите суштества во својата средина, за природното опкружување на човекот (*биоцентризам*).

Ахимса е изразена како негација, значи таа е *не-насилство*. Но, таа е исполнета со множество позитивни добродетели. Таа е еден вид *даја*, што значи сомилост, вчувствување, милосрдие. Ова Џајна го опишува како "добра мајка на сите суштества", како "лек за оние кои талкаат во патилата среде океанот на следователни повторни раѓања" Тоа значи да се води грижа и да се дели сé што се има со сите други живи суштества, тие да се одгледуваат, да се заштитуваат и да им се служи. За тоа е потребно едно општо чувство на пријателство, општо проштевање и општа храброст. Џајнистите се молат срцата да им бидат исполнети со прошка спрема сите живи суштества, копнеат по **пријателство со сите живи суштества** и во нивното срце нема никакво чувство на отуѓеност ни непријателство спрема никого и ништо. Тие се молат проштевањето да завладее ширум светот и сите живи суштества да се грижат едните за другите.

Џајна бил последен, 24-ти тиртанкара, "избавител на светот", оној кој според преданието ќе слезе на земјата за да ја обнови етичката доктрина и да го поправи моралот на заедницата, кој по некое време опаѓа. Џајна е идол на својата религиозна група, која денес во Индија има 3 милиони верници, кои се нарекуваат според неговото име и ги следат неговите големи морални завети. Тие докажуваат дека и пред илјадници години луѓето го разбирале значењето на ненасилството, на толеранцијата и на најстрогиот личен морал, како и тоа дека **тие начела можат да се извршуваат** и да не се нарушуваат ненасилството и базичната толеранција.

Денес џајнистите спаѓаат меѓу најугледните граѓани на Индија, тие се бизнисмени и правници, стручњаци и раководители. Од идеите на џајнизмот се раководеше **Ганди** (1869-1948), наречен *Махатма* ("Голема душа"), современ херој на етиката, чија мајка и роднини биле џајнисти. Тој начелото на ахимса го воздигна до *светски принцип* и до најважна етичка норма на денешницата. Таква посветена вера и учење за *љубов кон сé што е живо* разви и еден од најголемите современи етичари **д-р Алберт Швајцер** (1875-1965). За тоа учат и современата **биоетика** и **еколошка етика**. Бидејќи милионите џајнисти издржале илјадници години не правејќи никакво зло на друго живо суштество, тоа е еден од крунските докази дека човекот може да прави добро како свој животен принцип и дека тоа може да стане клучна норма на универзалната етика.

**Етички мисли од Џајна**

"Постојат степени на насилството - ненасилството е единствено, нема степени."

"(Кој е доследен во верата) не смее да се повредува себе, ниту да повредува друг, а исто така и ниедно суштество кое има душа. "

"Во светот полн со страдање, секоја единка страда заради своите сопствени дела. Гледај како си нанесуваат патила и како ги поднесуваат! Јас велам: Добар е оној чие дело е исправно, а постапката совршена, без измама."

# 4. Питагора
## НАПРАВИ ГО ЖИВОТОТ СУРЕДЕН



Разни личности ги фасцинираат луѓето околу себе. Ако е тоа некој без вредност, таа заблуда е загуба за човештвото. Но кога тоа се првокласни личности, тогаш сите добиваат. Некои од ваквите личности се одлични на сите полиња, па не се знае што од нивните својства и активности најповеќе ги радува луѓето и што им дава најголема корист на сите. Најпрвин, се разбира, личностите што влијаат врз луѓето треба да се *мудри* и разумно да учат од искуството. Постоела таква група мудри луѓе на почетоците на европското живеење - ги нарекуваат **Седумте мудреци** (при што се користи митскиот број за среќа и успех “седум“, но во книгите како такви се споменуваат такви петнаесеттина). Мудре-ците ги учеле луѓето за животните прашања и им давале најдобри *совети*, кои најчесто се етички, кога станува збор за нешто што е добро, праведно и корисно.

Овие мудри луѓе, со кои започнува етичката и духовната историја на Европа, подучувале со *кратки* впечатливи реченици, кои секој можел да ги запомни и да ги користи во својата морална практика - тие биле запишувани и на камењата покрај патот за сите да ги видат, научат, да ги следат и да им донесуваат корист во животот. Биле пренесувани и како народни поучни поговорки. На **Клеобул** и **Хилон** им се припишуваат двете најпознати изреки: "Најдобро е да се има мера" и "Запознај се самиот себе!". **Питак** рекол: "Не прави го она за што го прекоруваш ближниот!" и ги набројал добродетелите како важни содржини на живеењето: "Одгледувај ги побожноста, образованоста, разборитоста, согледбата, вистината, верата, искуството, умноста, пријателството, трудољубивоста, домаќинлакот и вештината на работењето!" **Перијандер** укажал на нешто што многу пати ќе биде повторувано од разни етичари: "Задоволствата се смртни, а добродетелите бесмртни", но исто така кажал нешто политички умно, што до денес е значајно: "Демократијта а подобра од тиранијата". И првиот филозоф **Талес** го вбројувале во мудреците, дал поуки од трајно значење: "Необразованоста е товар", "Тешко е себеси да се запознаеш" и "Не им верувај на сите!" **Бијант** препорачувал: "Погледни се во огледалото - ако си личен, треба и добро да постапуваш; ако си грд, природниот недостаток треба да го исправиш со благородноста". Прочуениот државник **Солон** (640-558 пред н.е.), кој со своите разумни решенија и добар устав ја спасил Атина од пропаѓање и ја унапредил во најпознат хеленски центар, има кажано голема поука за сите офицери и раководители: "Пред да почнеш да заповедаш, треба да научиш да слушаш!", а им говорел на сите: "Повеќе верувај во карактерот на човекот, отколку во заклетвата!" Неговиот совет и лозунг **Умот нека ти биде водач!** е основна идеја врз која се гради најуспешната современа држава Европската Унија. Впрочем, поуките на Седумте мудреци, како и идеите

на античката философија воопшто, се вградени во духот на Европа и го насочувале европскиот развиток.

Во овие мудреци се вбројува и една од највпечатливите личности во човечката историја. Таа до денес ги возбудува човечките духови, им покажа на луѓето дека светот е фасцинантен и *суреден*, како и тоа дека луѓето треба да го сторат *најдоброто* за да бидат достојни за светот и за живеењето. Тоа е **Питагора** - врвен математичар, водач на здружение на едномисленици, со статус на полубожество, кој и во етиката остави едно од најпоучните дела.

За Питагора уште додека бил жив се кажувале легенди. Роден е во 582 година пред н.е. на островот Самос. Студирал кај Анаксимандар од Милетската школа. Бил и во Египет, за да ги запознае големите знаења на нивните свештеници. Кај халдејските магови во Месопотамија учел астрологија. Бил еден од **првите европски научници**. Му се припишува дека го создал и прв го употребил поимот *философ* - "љубител на мудроста". Така се нарекол самиот себеси - кога еден крал му рекол дека е умен, мудар, "софос", Питагора го коригирал, кажувајќи дека е "љубител на мудроста", "философос". Имал чувство за справедливост; избегал од својот крај, во кој владеел тиран, и заминал за Јужна Италија, во Кротон.

Барајќи го она што е основно во светот и во човечкиот живот, Питагора заклучил дека тоа е *формата*. Сé што постои има некоја форма и од една форма се создава друга. Неменливата форма, која лежи во основата на сите форми, е **бројот**. Тој открил дека височината на музичките звуци зависи од должината на жицата, а нивниот сооднос е резултат на математичките пропорции. Тоа е **првиот природен закон** откриен како научно сознание. Заклучокот гласел: благодарејќи на бројот можеме да знаеме многу за нештата и за нивните односи. Така е создадена *математиката*, во која еден од најпознатите геометриски закони е теоремата на Питагора. Смислата на Питагорините сознанија е дека во самите нешта постои норма. Тоа откритие тој го применил и во етиката.

Питагора проповедал **висока животна и лична етика**. Се застапувал за чистота во живеењето. Бил еден од оние велики луѓе кои заради нивниот ум и етика ги почитувале до *обожавање*. Неговата појава била фасцинантна - носел бела, долга руба, чии краишта се виеле околу него. Го нарекувале "Божествениот". Се говорело: постојат богови, постојат луѓе, а и суштества какво што е Питагора. Неговите ученици верувале дека тој е инкарнација на богот Аполон, кој кај нив дошол од најдалечните краишта на Земјата. Имал моќ да комуницира со животните и со растенијата. Луѓето кои го сретнувале сметале дека им се случила голема среќа. Неговите ученици биле нарекувани "пророци на божествениот глас". Учителот бил следен од мнозина. Неговиот збор бил свет. Самиот се одликувал со хармонични својства и суредено живеење, што ќе бидат квалитети и на неговата етичка поука. Својата задача ја доживувал како *повик* (мисија). Кога одел во другите места велел дека не доаѓа да ги учи луѓето, туку да ги лекува. Умрел почитуван, речиси обоготворен, во 496 година пред н.е.

Питагора основал *братство*, религиозно, етичко и научно друштво, кое ќе стане образец за философските школи и за сличните животни и духовни здруженија (на пример, првите христијански општини, или масонското здружение, или некои научни академии и сл.). Задачата на овие синедрии или хетерии била **да ги воздигнат морално своите членови**, односно во нив сознанието за музикалното чувствување на светот ("хармонија на сите сфери") се употребувало за подобрување на моралните и политичките односи. Инспирирајќи се од Питагора, на портата на својата Академија како прв

европски Универзитет Платон ставил лозунг: Нека не влегува оној кој не знае геометрија!

Питагорејските здруженија имале бројни сложени правила и строги норми на однесувањето. Членовите не јаделе месо, внимавале на хигиената, сé им било заедничко, ја чувале брачната чистота, го развивале семејниот живот, биле верни пријатели и солидарни со другите членови. Тие први ја признале рамноправноста на жените и ги примале во сојузот. Хумано постапувале и кон робовите. Не примале насилници, конфликтни личности и оние кои се стремат кон тиранија. Во неволјите и во економските тешкотии членовите меѓусебно се помагале. Тој дух уште како легенда се вее низ современите интелектуални и етички асоцијации, од кои некои се трудат да ги достигнат овие доблести.

Етичките идеи на Питагора се поврзани со неговите математички сознанија. Тој и неговите приврзаници ги идеализирале броевите, истакнувале дека овие владеат со сета реалност и со сите човечки дела. Оттука произлегуваат и сите вредносни односи. Бидејќи вистината и бројот се поврзани, лагата е зло, таа им е непријателски спротивна и на бројот и на луѓето. Питагорејците имале направено таблица на *добродетелите*, во кои се претставени десет двојки основни поими, помеѓу кои и Доброто - Злото.

**Хармонијата ја сметале за суштина и цел на сето постоење**. Таа претставува поврзување на различното за да се добие смирување на спротивностите. Според Питагора, “добродетелта е хармонија“. Октавата (сооднос од 8 тонови) е најголемо согласие во скалата, па така љубовта и пријателството како најубави хармонии ги обележал со бројот 8. Праведноста означува нешто еднакво, значи таа е еднакво помножено со еднаквото, таа е возвраќање на исто за исто (праведноста е означена со броевите 4 или 9, како квадрати на првиот парен или на првиот вистински непарен број 2 и 3 - единицата, пак, е праброј, основа на сите парни и непарни броеви). Бракот е означен со бројот 5, како збир на 2 и 3, на првиот парен и непарен број. За здравјето се користел бројот 7. Свет број била десетката, како збир на првите четири броја, 1, 2, 3 и 4, врз што питагорејците се заколнувале. Сведувањето на добродетелите на броеви може да се смета како прво **научно осмислување на етичките проблеми**.

За етичко начело Питагора ја зел *разумноста*, односно *умереноста*. Целта на животот е сé да се уреди според најдобрите принципи. Затоа смислата на етиката е да се спроведе и обезбеди **мерата**, која е најдобар принцип. Тоа е општа идеја на старохеленските мудреци, а некои ќе ја наречат “најубав цвет на хеленската етика“, на класичниот антички дух, од кого потекнуваат изворите на европската култура. Поетот и мислител **Хесиод** (VIII век пред н.е.) велел: “Секогаш треба да се внимава на мерата“. Богот на умот Аполон бил и божество на хармонијата и на уреденоста. Неговите симболи се инструментот лира - симбол на хармонијата, и лакот - кој претставува измирување на спротивностите, на движењето и на мирувањето, на потенцијалната енергија и на силата која се манифестира. Со тоа е изразувано настојувањето неоформеното или лошо формираното да се преобрази во нешто формирано точно според мерата и хармонијата. Чувството за добра мера (хел. *калос мерос*), изборот на добра мера, избегнувањето на екстремностите и одржувањето на средниот пат - тоа се старохоленска градителска и граѓанска етичка идеја и практика. Според поетот **Пиндар** (518-438 пред н.е.), постојат две врвни добродетели. Првата е разумноста; практичната мудрост и трезвеноста служат човекот да ја одмерува својата моќ, за никогаш да не ги пречекорува границите на божественото и светото. Втората најважна добродетел е одржувањето на

мерата. Кога, според легендата, Седумте мудреци се состанале во религиозниот центар Делфи, на храмот на Аполон ги запишале две најпознати етички изреки: **Сознај се самиот себе!** и **Ништо премногу!** (Внимавај на мерата!) Мудреците постојано укажувале на нужноста од мера во животот: Сознај го вистинскиот миг!, или: Зборувај во вистинскиот час!, или најопшто: Мерата е најдобра. Првиот европски етичар Сократ и последниот антички етичар царот Марко Аврелиј, како и првиот етичар на нова Европа Пјер Абелар, ја имаат прославено првата максима од Делфи, а исто така основната етичка идеја за мерата ја имаат брането Хераклит ("Прекумерноста треба да се гаси поскоро одошто пожарот"), Аристотел и низа други мислители.

Меѓу првите европски мудреци, кои ги слават разумот и мерата, особено место му припаѓа на Питагора. Сочувани се неговите етички пораки: "Не јади си го срцето!", т.е. не упропастувај си го животот со непотребни јадосувања!, или: "Јазикот на вагата да не прескокне!", т.е. внимавај, мери кога говориш, за да не претераш, инаку ќе згрешиш.

Питагора, според преданието, е автор и на едно ретко етичко дело - дидактичката поема позната под името **Златни стихови**. Во оваа благородна творба од 70 стихови, со низа мудри совети се слават *разумноста* и *умереноста* како главни етички вредности.

Во поемата Питагора најпрвин го потсетува човекот дека треба да им дава почест на боговите и дека треба да ја чува заклетва. Важно е, исто така, да ги почитува родителите и најблиските роднини. Пријатели треба да си ги избира помеѓу најдобрите од луѓето. Пријателот не треба да почне да се мрази заради сторена мала грешка.

Исто така, секој треба да се навикне да ги управува стомакот и сонот и половата пожуда и гневот. Никогаш не треба да направи некакво срамно дело, ниту со некого, ниту сам. "Од себе ти најмногу треба да се срамиш". Секој треба да биде праведлив, а разумен со своите дејства и зборови. На судбината човек не треба да се лути. Најдобро е колку што може да им помага на другите.

Секој ќе чуе од разни страни и лоши и добри зборови. Тие не треба да го чудат и да дозволи да му го допрат срцето. Ако некаде се зборува лага, треба да отстапи и да се истави од тоа место. Секој треба да внимава некој со збор или со дело да не го поттикне да стори или да каже нешто што не е корисно за него самиот.

Во најважниот дел од поемата Питагора укажува дека човекот понекогаш постапува и зборува лудо. Затоа секој **треба да размисли** пред да почне да прави нешто, за да не направи глупост. Всушност, секој треба да го прави она што подоцна нема да го мачи (тоа е најдобар метод за денешните проблеми со алкохолот, со дрогата и со заразните болести). Значи, треба **да го прави само она за што знае дека е добро и исправно**. Правејќи го она што треба да се прави, човекот може да го мине животот со најголема среќа.

Не треба да се запоставува ниту телесното здравје. Тоа значи дека треба да се биде умерен во јадењето, пиењето и во вежбањето. Правилото гласи: **мерата никому нема да му создаде мака**. Секој треба да се навикне да живее чист, кроток и доблесен живот. Исто така, треба да внимава да не ја следи алчноста и со ништо да не ја разбудува во себе. Без потреба не треба да се трошат пари и имот, но исто така не треба да се биде ни скржав. Затоа е најточно правилото: "**Во сé мерата е најдобра**".

Секој треба да размислува за она што го прави. Треба да има добри планови и насоки, а исто така да го *проверува* она што го сторил. Кога ќе измине денот, не треба да пушти сонот да се спушти врз очите - пред секој да си направи

*резиме* на денот што изминал и да се запраша: Дали згрешив? Што направив? Што пропуштив? При тоа, треба да оди по ред, од почетокот до крајот на тој ден. “Ако си направил зло, вели Питагора, прекори се; ако си направил добро, радувај се!“

Сето тоа треба да се *вежба* и кон тоа секој треба да се *стреми*. Таквиот разумен пат - со мера - секого ќе го доведе до вистинската добродетел. Луѓето самите си создаваат маки, зашто не ги забележуваат добрите нешта, кои ќе поминат покрај нив, а малкумина знаат да се ослободат од злото.

Етичките совети од Питагора 2.500 години ги крепат душите на луѓето. Тоа е **совршена етика**. Неговата поема Златни стихови е меѓу најзначајните човечки етички творби. Многу други големи етичари ги користат ставовите на Питагора - разумноста, умереноста, самосвеста, самоконтролата, разгледувањето на стореното итн. На пример, за проблемот на самоубиството како повлекување од животот Кикерон ја приведува поуката од Питагора, кој забранува без Божја заповед да се напуштаат должноста и местото во животот. Такви се проверените и вредни зборови на еден од најмудрите луѓе на сите времиња.

**Етички мисли од Питагора**

“Луѓето меѓусебно треба да се однесуваат на тој начин што од пријателите нема да создаваат непријатели, туку непријателите да ги претвораат во пријатели. “

“Размисли пред да почнеш, за да не направиш глупост!“

“Прави го она што подоцна нема да те мачи!“

“Навикни се да живееш чист, кроток и доблесен живот!“

“Никогаш немој да направиш срамно дело!“

# 5. Лао Це

## МИСЛИ, РАЗБЕРИ, ОСВЕСТИ СЕ!



Понекогаш во исто време настануваат различни философски толкувања на вистинското морално дејствување. Во Кина два и пол милениуми **напоредно постојат две значајни основни учења** (а покрај нив и разни други) за правилното однесување, за сигурното постигнување на доброто. Нивните прочуени создавачи живееле во истиот период и се почитувале, а двеве доктрини меѓусебно се уважуваат, иако изразуваат специфични погледи. Нивните зачетници поставиле темели на вредностите и на етиката во најбројната нација на светот. Тоа се два првокласни етичари Лао Це и Кунг Фу Це (Конфуциј).

**Лао Це** (со вистинско име Ли Ер или Ли Тан) живеел во VI век пред н.е., најверојатно е роден во 579 година пред н.е. *Це* на кинески значи "учител", *Мудрец* (овој прекар им е додаван на имињата на најумните кинески мислители). "Лао Це" значи "стар мудрец", "старец философ" (или "стари философи", зашто некои сметаат дека ова име означува група блиски мислители). Кога живеел и што работел мислителот е обвиткано со мистерија, но сепак има индикации. Во кинеската книга "Белешки на историчарот" тој е опишан како влијателен религиозен водач. Не бил задоволен со конфуцијанскиот пристап, го сметал за премногу рационален, доктринарен, некреативен. Се трудел да даде подобро толкување на светот, на животот и на етиката. Запишано е дека Учителот Кунг (Конфуциј) го посетил својот постар колега и побарал некој совет од него.

Во староста Лао се повлекол од јавниот живот и јавајќи бивол тргнал кон местото каде што сакал да ги мине последните денови. На границата на царството го запрел шефот на граничарите и му побарал да напише објаснување на својата доктрина. За две-три недели Лао Це напишал текст од 5.250 кинески знаци обликувани како 81 стихотворба. Потоа заминал во посакуваните планини и никој повеќе не го видел. Таоистите го сметат за бесмртен, велат дека со другите великани лета низ облаците или талка среде ѕвездите. Најверојатно умрел во 499 година пред н.е. Според некои, Лао Це заминал во Индија, каде бил учител на Буда (таоизмот и будизмот ќе се спојат во Кина во една религиска форма, која и денес е раширена).

Од Лао Це го имаме само тој еден текст, кој е можеби прво дело на кинеската философија (иако некои учат дека имало многу книги и пред неговата, или таа извонредна творба ја сметаат резиме на разните учења пред нејзиното создавање, или цело кое потоа е допишувано). Тоа секако е **една од најпознатите светски философски книги**. Преведена е на сите светски јазици, велат дека само Библијата е преведена на повеќе јазици. Разбирањето на овој брилјантен текст бара особен напор, постојано ги предизвикува луѓето на повторно читање и духовно зреење, плени со длабочината на мислата и со убавината на ставовите и на етичките позиции. Ова фантастично дело е наречено **Тао Те Ѕин** (Тао Те Кинг, Чинг), во смисла "класично, прекрасно, доблесно дело" за Тао и за Те - кои се основни категории на постоењето и на човечкото живеење, а се централен предмет во оваа расправа.

**Тао** (Дао) е основен поим (тој е прва категорија во сета кинеска мисла). Тао значи **Пат**, по кој се движи светот и по кој треба да оди и свесниот човек.

Тао е реалност зад сите имиња и факти, со која треба да се поврземе. Тоа е "закон на сé". Но, него човек не може да го допре само со разумот и јасно да го искаже: "Тао што може да се објасни со зборови не е вечното Тао". Тао може да се дофати само со целината на своето суштествување, ако се живее и дејствува според него. Тоа значи да се биде *смирен*, да се пуштат нештата да *шечаш онака какви шшо се* и да се живее *во хармонија со йриродаша*. За тоа служи и соодветниот однос кон силите **ин (јин)** и **јанг** (женски и машки, пасивен и активен принцип), со кои се претставени основните својства на природата и, како такви, мора да бидат дел од рамнотежата кон која секој треба да се стреми (таоизмот подоцна се престори во начин за постигнување среќа, богатство и долг живот, стана основа за религија, чиј основен текст е токму "Тао Те Ѕин", а чии карактеристики се мистичност и духовен набој, вера во магии, постапки за лекување и надеж за ослободување врз основа на сторените добри дела).

Според Учителот Лао, човекот може да го дофати Тао. Лао Це на сите им покажува како можат да го достигнат Патот. Овој не може да се именува, бидејќи е нешто невидливо, таинствено, неопределено, безгранично, неопфатливо. Но, човекот треба да проникне во Тао, со него поцелосно да се спои, да живее правилно - за да постигне во животот вечност. Тао може да се дофати само со просветлување, кое значи *неакшивна акшивносш*, непоматено спокојство, внатрешен мир, целосна "празнина". За таа цел се важни основните елементи, особено врската со женскиот принцип *јин*, дури повеќе отколку со активниот принцип *јанī*. Ако бидеме отворени, ако примаме и прифаќаме, ако сме покорни и плодни, спонтани и не демонстрираме сила (какви што се и како постапуваат жените) - ќе може да завладееме со нештата. Ова владеење не е слично на западното поседување, управување и заповедување, туку значи **поврзаност**, интимност, разбирање и совладување. Треба да воспоставиме хармонија-единство-согласност со битието, со ритмот и со текот на нештата. Целта е резултатите да ги постигнуваме без напор. Станува збор да бидеме поврзани со природата, да дејствуваме според нејзината смисла и услови - ако го слушаме Тао и го следиме ќе се зголеми нашата животна сила, ние ќе ја притежаваме реалноста и ќе бидеме нејзини важни учесници и творци (слично ќе прозвучи философско-етичката идеја на Спиноза, а многу се блиски и современите биоцентристички и физиоцентристички мисли за еколошка возобнова на светот).

Колку, според Лао Це, е важно да се открие и да се следи Патот се гледа од примерот на владетелот. Ако кралот не го гледа Патот, на државата ѝ се закануваат упадок и пропаѓање. Но, ако тој го осознал Патот (Тао) и го следи, луѓето во неговото кралство и самите дејствуваат во насока на својот духовен развиток, се менуваат и напредуваат.

Со принципот Тао е поврзана другата основна категорија на човечкото живеење **Те** (Де), која значи добра сила, **добродетел**, етика и морал. Те се правилата на живеење на оној кој го бара Тао. Станува збор за "вистинска чистота", за "патека кон совршенството". Тоа не е само стремеж да се постигне лична чистота, или повлекување од светот во природа, туку и напор да се осмислат и оправдаат таквите постапки. Во Те престојува Тао, етиката е Патот конкретизиран во некое нешто или во некоја личност. Книгата "Тао Те" говори за апсолутноста на принципот Тао и за релативноста на неговата примена.

Тао се манифестира во природата надвор од нас, во нас самите и во сознанието (за него), а кај луѓето станува збор за примената на тоа врвно и најважно сознание во индивидуалниот морал и во општествениот живот. Така Тао е **и космички и етички принцип**. Како основа на светот и на животот, Тао е

исто така етички ред на постоењето и база за моралното дејствување на луѓето. Основната задача на човекот е да го открие Патот, да се соедини со него, да најде смирување во него (низ особеното *недејствување,* големо разбирање и духовна смиреност). Контемплацијата, пасивноста како приклонување кон битието, светот, природата и воспоставувањето хармонија го оправдуваат живеењето, претставуваат добро постапување. Зафаќањето на основите и на смислата на животот е сконцентрирано во *размислувањето*, во *разбирањето*, во *освестувањето*. Сознанието на Тао е вовед во правилното живеење. Тао се олицетворува во животниот став како квалитет на човекот, како природна способност (на нештата и на луѓето) да достигнат совршенство. Добродетелниот (може да) го изразува само разбраното и наученото, без ова човековото живеење и активност се слепи, несвесни, растурени, невешти, безумни.

Лао Це открива што е постоењето и какво е местото на човекот во светот среде другите нешта. Тој разбрал како треба да постапуваме за да не го потрошиме залудно она што ни е дадено од природата: "Стремејќи се кон малку ќе добиеме-постигнеме многу (стремежот кон многу води до заблуди)". Ако постапуваме неумно се губи рамнотежата во животот-природата. Треба да постапуваме умно и доблесно за да не го нарушиме балансот во животот. Мнозинството луѓе постапуваат така и тие треба да бидат сожалувани. Кај нив барањето на вистината уште не станало основна инспирација и животен нагон. Лао Це тажи: "Моите зборови лесно се разбираат, лесно се исполнуваат, а луѓето уште не ги разбираат, не ги исполнуваат".

Етичкиот дух на "Книгата за Тао и за Те" е јасен. Основното во неа е дека **човековата задача е правењето добро**. Лао Це порачува: "На злобата возврати со добрина!" или: "Кон добрите сум добар, кон лошите исто така сум добар" (овие оригинални кинески ставови се среќаваат и кај Конфуциј). Не станува збор за пишани правила-закони, кои се поставуваат над луѓето и треба секој да ги следи, туку за внатрешна инспирација и морален поттик од душата, од *длабочината на разбирањето на светот*. Затоа тука нема порој од заповедни и објаснувачки зборови, не се изложени никакви систематизирани норми. Се расправа за срцевината на моралната потреба и став на човекот. Кратките фрази служат за медитација, тие ја претставуваат основната ориентација на Лао Це кон индивидуалноста, кон нужноста личноста да размислува за природата на нештата и да ја осмислува својата позиција. Свртувањето кон себеси, кон својата сушност, му ги открива на човекот светот и луѓето. Треба да се однесувам во сообразност со тоа. Испитувањето на универзалното начело се претвора во етичка расправа, а сознанијата за светот во морални вредности. Сознанието посочува: "Огромна е разликата меѓу доброто и злото".

Во "Тао Те Ѕин" исказите се етички силни, сугестивни и морално воспитни. Во ова единствено дело има многу духовни загатки - исказите се поетски и збиени (преводите мошне различни, но и низ зборовните различја проблеснува етичко единство). Лао Це вели: "Во сé е неопходна мера!" Објаснува: "Живеј поблиску до земјата, следи ги нагоните на срцето. Со луѓето биди искрен... Делата треба да бидат силни, дејствата во точен час (благовремени). Кој е трпелив како водата, не прави грешки". Квалитетот на добродетелта (Те) е да се постигне единство на душата и телото - и тоа да се сочува. Тоа значи човекот да се раздвижува без присила, да раководи без принуда, да создава и да воспитува без да присвојува. Треба да се стане непристрасен и да се сочува спокојството (кое значи "враќање кон сушноста"). Дејствувањето не е битно, туку мислењето, системот на разбирањето, освестувањето според базичниот принцип: "Знаењето на вистината води до

јасност, а незнаењето - кон хаос и зло. Оној кој ја сознал вистината е совршен, оној кој достигнал совршенство е праведен". Зашто "оној кој многу мисли и малку зборува, нему и делата му се успешни. Тој е сообразен со редот на нештата". Етичкото сознание укажува: "Оној кој ги сознал луѓето е мудар, оној кој се сознал себеси е просветлен, оној кој ги победил луѓето е силен, оној кој се победил себеси е моќен".

**Мудрецот**, оној кој достигнал *самосознание*, треба да дава и пример (тој е образец и служи како таков за луѓето), тој е истовремено и етички учител: "Давајте им на луѓето пример за едноставност, скромност и воздржаност. Научете ги да си ги смират желбите и да се ослободуваат од страстите". Мудрецот постојано им понудува спас на луѓето. "Тој знае да помага и никого не го остава во патила. Тоа е најдлабоката мудрост" - морално подучува Лао Це.

Интересни се и поуките во политичкиот морал. Лао Це му порачува на раководителот: "Станувајќи најглавен, остани чист... Станувајќи пример, не загубувај ја чистотата... Станувајќи глава на државата, усовршувај се во чистотата". Лао им порачува на големците "бидете скромни", "не се сметајте себеси за бесцен камен, туку просто бидете камче". Лао Це даде и фантастична либералистичка поука: "Многу строги закони во државата - беден народ; многу силно оружје во народот - метеж во државата; повеќе закони и заповеди - безбројни крадци и разбојници... Мудриот вели: ако сум мирен - народот оди кон добро; ако во ништо не се мешам - народот се збогатува; ако си ги победувам страстите - народот почнува да ми верува".

Така Лао Це се залага за **сознание на законите на Природата**. Сложениот философски став се претвора во едноставна етичка позиција на *умно однесување*, кога мудроста, скромноста, воздржаноста раѓаат вистински човечки (лични и социјални) и природни плодови. И од денешна перспектива идеите на Лао Це се многу интересни и важни: секој човек е центар на светот, секој миг е како вечност, во секое дело се олицетворуваме себеси и своето сознание, вистински е важно да не се повредуваат Природата и луѓето, нужно е воздржување од војна (која за Лао Це е големо зло) итн. Најбитното е да се насобере мудрост, да се размислува, да се сфати и луѓето да се освестат.

Од бројните следбеници на Лао Це, најпрочуен е **Чуанг Це** (Че, 399-295 пред н.е.). Не прифаќал високи должности, зашто сакал да остане *слободен*. Бил многу талентиран и пишувал исклучително убаво, велат дека токму поради неговиот стил толку било популарно учењето на Лао Це, чија "Тао Те Ѕин" е една од прелесните светски книги. Оставил огромен опус, кој е сочуван. Еден современ писател ги споредува двајцата, дека Лао Це пишува афоризми, ја истакнува интуицијата, подучува, свртен е кон срцето - Чуанг Це расправа во долги философски трактати, му говори на разумот, се подбива, со зборовите сече како со сабја. Бил *идеалисӣ*, кој истакнува дека постои реалност надвор од оваа нашата, а ни таа ни оваа не можеме докрајно да ги сознаеме. Една од најубавите негови философски изреки ги поврзува етиката и сознанието: "**Потребен е вистински човек за да постои вистинско сознание**".

Еден од најпознатите текстови на Чуанг Це гласи: "Јас, Чуанг Че, еднаш **сонував** дека сум **пеперутка**, дека летам од цвет до цвет, токму како што прави пеперутката. Бев свесен само за своето задоволство на пеперутка, а воопшто не знаев дека сум Че. Одеднаш се разбудив, лежејќи ваков каков што сум. Сега не знам, дали тогаш бев човек кој сонува дека е пеперутка, или сега сум пеперутка која сонува дека сум човек". Овој текст некои писатели го сметаат за **најубав литературен запис во историјата на светот**. (Слична тема обработува и познатиот шпански драмски писател *Калдерон де ла Барка*, 1600-1681, во

трагедијата "Животот е сон", 1635, во која затворениот принц дума дали е заточеник или наследник на престолот). Не само соништата, туку и човечкиот ум може слободно да се движи, но човекот не смее да прави зло, тоа е стандардна етичка поука.

Какви големи поуки донесуват кинеските мислители!? Колку ќе бидат силни Кина и нејзиниот народ кога ќе израснат во човечки и етички најмоќен потенцијал на Земјата?!

**Етички мисли од Лао Це**

“Во пропаст водат непознавањето на она што е суштествено и слепото дејствување.“

“На злобата возврати со добрина!“

“Насилството води кон несреќа.“

“Војската е орудие на злото.“

# 6. Гаутама Буда

## РАЗБУДИ СЕ!



Моралните поуки најчесто се израз на духовноста и на креативноста на големите етичари, а сознанијата за моралот се резултат на нивните откритија. Мајсторите на етиката ги презентираат своите доживелици на доброто и разни потресни случки, ги изложуваат своите поттици за етичко размислување и преиспитување, ја опишуваат потрагата по етичка вистина и по најдобри вредности, а ги споделуваат со луѓето своите видувања на идеалите и нормите, како и плодовите од своите истражувања и од барањето на Доброто. Така дејствувал и зборувал прочуениот морален учител Буда.

Индискиот мудрец Буда даде **една од најважните етички доктрини**. Тоа било епоха на големи етички тензии и творештво. Во исто време кога во Кина живееле и твореле Лао Це и Конфуциј, а во Индија доаѓале до сознанија Буда и другиот голем етички мислител Махавира Џајна, со својата строга етика на радикална аскеза и неповредување на она што е живо, чиј принцип на *ахимса*, почитување на постоењето на секое живо суштество, на ненасилство и толеранција, е едно од најубавите етички начела, кое го покажува совршенството на етиката. Денеска учењата на овие корифеи на етиката возникнуваат во новите етички учења и се шират во етичката практика. Потребни ни се во епохата на етичка криза и реконструкција.

Будизмот е истовремено и една од најраширените религии. Самиот Буда велел дека неговото учење не е религија, бидејќи нема конкретно божество како објект за религиозна посветеност. Тој говорел дека изнесува психолошки и морални сознанија. Сепак, врз основа на особените етички идеи на Буда и исклучителното почитување кон неговата личност, луѓето создале моќна религија, раширена во Цејлон, Индокина, Кина, Јапонија и во околните земји, во кинеските краишта споена со таоизмот, а заедно со шаманизмот доминантна вера во Монголија и во Тибет. Но во Индија, каде што долго векови била најразвиена религија, сега главно е заменета со хиндуизмот, иако луѓето сесрдно го почитуваат и Буда.

**Буда** е роден во 563 година пред. н.е. како принц **Сидарта** во северноиндиското кралство Шакја. До 29-та година од животот татко му го

чувал одделен од светот, го чувал за да не запознае страдања. Тогаш случајно излегол од својот затворен дворец на среќата и видел жена како се пораѓа, сретнал болни суштества и изнемоштени старци, здогледал умрени - така се соочил со маките на раѓањето, на болеста, на староењето и на смртта. Тоа го потресло умниот принц, тој ги напуштил дворецот и семејството и тргнал да ја бара смислата на животот како непрестајна болка. Го викале **Шакјамуни**, "испосник од племето Шакја".

Станал силен аскет, но по 6 години се уверил дека со воздржувањето не е можно да постигне просветлување. Тогаш ја кажал вистината: "Ако жицата на тамбурата се оптегне премногу, таа ќе се скине. Ако се остави незатегната, нема да свири". Седнал кај реката под индиска смоква и почнал да размислува. Мудроста го довела до будење и просветлување, тој разбрал што е животот и како треба да се постигне спасение од животните страдања. Го нарекле Буда, **Разбуден**. Почнал да го проповеда својот *Среден пат*, кој не е средина помеѓу крајностите, туку тесен правец како острица на ножот и помага да се пронајдат вистинските филозофски, животни и етички решенија. Станал најпознат *пророк*, илјадници го следеле и ги слушале неговите несебични кажувања. Починал ("се преселил во нирвана") во 483 година пред н.е.

Како и неколку други светски познати етичари во Антиката, ни Буда ништо не пишувал. Но, неговите разговори со учениците, нивните прашања и неговите одговори се запишани и се објавени насекаде во светот. Во една од таквите збирки "Дама-падам" се дадени 423 Будини етички искажувања (проповеди). Тоа е една од најумните етички книги во историјата.

Буда не расправа за потеклото на светот, ниту за неговата градба, ниту за релациите во светот. Буда се интересира за тоа како да се совлада (запре) вознемирувачкиот тек на животот, кој е непостојан и исполнет со болка. Тоа е возможно ако се достигне состојбата на **нирвана**, како духовно спокојство и ослободеност од страдањето. Буда учи дека не постои вечно сопство, стандардна состојка на личноста - *атман*, со што прави ревизија на општата индиска филозофска ориентација.

Буда тврди дека сé е во вечна мена и дека ништо не го поврзува човекот со светот во смисла на трајна материјална и духовна основа. Но, човекот не е ослободен од товарот на своите дејства, во вид на **карма**. Сé што правиме раѓа некој плод. Мислата, како прв подвижник на дејствувањето, го содржи во себе претходното искуство; со тој товар се обликува и последователната мисла. Во нашата личност трае вечен тек на елементите. Тоа е наречено **дарма**, постои внатрешна законитост, која се изразува со *постојани страдања* во разни форми. Човекот си освојува спокојство со престанокот на тоа вечно движење, што може да го постигне со елиминирање на кармата-судбината со помош на моралното сознание и самодисциплина. Целта е мислите, или ние како верига од мисли, да престанеме да имаме и да раѓаме желби. Во достигнатата нирвана не дејствува кармата, зашто таа состојба е еднолична и бескрајна рамнина.

Јадрото на психолошкото учење на Буда е ставот за **12 суштествени алки**. Станува збор за каузална низа, во која се проникнуваат духовните основи и поттици. Општата и голема болка е исполнета со смрт, старост и болести. Овие се овозможени од раѓањето, коешто е основа на постоењето (настанувањето). Настанувањето е предизвикано од приврзаноста, а оваа е израз на жед. Жедта потекнува од чувствата, кои се израз на сетилноста, која извира од шесте сетила. Сетилата покажуваат дека постои индивидуа. Оваа е условена од свеста. А свеста произлегува од *самскарите*, како своевиден негативен коефициент на личноста, кои неа ја стегаат и определуваат во егзистенцијата. База за

самскарите е незнаењето (*авидја*), како прв фактор на заробеноста и страдалничка состојба на личноста. Нештата треба да бидат решени во основата, од суштествениот почеток.

Центарот на интересирањето на Буда е сосредоточен врз вистината за животот во овој свет, врз сознанието за страдањето и за спасението. Тој ги насочува луѓето да се *разбудат* и самите себе да се поттикнат на нужна *морална акција*. Неговото учење е сосредоточено во **Четирите вистини**:

Првата вистина е дека во овој свет и живот **сé е болка и страдање** - раѓањето е болка, болеста, староста, смртта се страдање, грижите, желбите, тагата и неспокојствата се тегобност и болка. Страдањето и болката се поголеми ако човекот е пристрасен кон предметот на желбите.

Втората вистина се однесува на причината на страдањето, која е - во **желбата, страста и приврзаноста кон овој свет**, во посветеноста кон земните наслади, кон богатството и славата, кои се минливи и се загубуваат, како што неминовно ги губиме и блиските, а исто така и животот.

Третата вистина зборува за престанокот на страдањето, што ќе се случи ако ги **згаснеме желбата**, страста, силата на нагоните, ако ја прекинеме приврзаноста кон празното, минливото. Ова е **нирвана**, состојба без болка и страдање, која нé води надвор од веригата на повторни раѓања и престој во овој страдалнички свет.

Четвртата вистина го изложува **патот за престанок на страдањето**, каде што Буда ги претставува непосредно етичките насоки.

Целта на Патот за престанок на страдањето е да се прекинат бесконечните појави на неосвестеноста, неморалноста и судбинското казнување. Од несвесноста се раѓа погрешно сознание, од неморалноста заплетканост и притисоци врз нашата свест и живеење, од правењето лоши дела следуваат последици во форма на судбина-карма, која праведно нé следи заради нашите постапки - минати и сегашни.

Врз основа на Будините идеи се создадени множество школи. Без оглед дали се застапуваат само за етичка самосвест или и за верско доживување, сите тие школи сметаат дека луѓето може да го постигнат спасувањето само со прочистување и будење, со морално збогатување и етичко заздравување. Основата е во медитирањето, освестувањето, во станувањето *морално умен*. Медитацијата ги развива кај личноста свеста и мудроста. Овие се дел на личноста, затоа секој за себе треба да се освести и разбуди.

Етичките поуки на Буда содржат осум делови од една целина, што се нарекува **Пат со осум патеки**. Станува збор за систем од осум видови духовно-етички активности, сконцентрирани околу сознанието за Доброто, правењето Добро и стремежот на личноста кон врвните морални дострели.

Првите две “патеки“, нужни видови насоченост и дејства на личноста, зборуваат за сознанието (*пана*). Тие се однесуваат на одгледувањетото на облагороден, правилен поглед на светот и на имањето благородни, добри намери односно мислење.

Следните три патеки спаѓаат во класичното учење за моралот (*шила*). Човекот треба да внимава што зборува, како постапува и како вкупно живее. Треба да говори облагородено, фино, ненавредливо. Исто така му е неопходно благородно, правилно постапување, како и воопшто облагороден, етички исправен, правилен начин на живеење.

Врвот на етиката според Буда е медитацијата (умната размисла, *самади*), чија крајна суштина е концентрацијата. Се препорачуваат три патеки, три вида етички активности: облагороден, правилен напор, правилно внимание и

облагородена, правилна концентрација - кои личноста ќе ја доведат до прагот на нирвана, како главна цел.

Овие 8 патеки на Буда се морално интонирани и бараат висока етичка определба. Будистичката медитација развива личност чии карактеристики се спокојство, добрина и интелектуална сила и проникливост. Со чистите намери, со концентрацијата, со вежбањето, со исправните дела се попречуваат негативните тенденции на свеста, а духот се урамнотежува и смирува. Идејата е дека личноста се облагородува и ослободува со правилните етичко-психолошки активности.

Оној кој стасал до крајот на посакуваниот етичко-медитативен пат се нарекува *архат*. Тој е идеален тип на здрава личност, совршен, идеален човек, целосен **мудрец**, кој допрел до највисокото сознание, стигнал до крајната можна точка на духовниот и личен развој. Ослободувањето како крајна цел не се постигнува лесно. Предуслов е личноста да се разбуди, да созрее и да дојде до самосогледба. Условите за постигнување на нирвана се етички, сознајни и контемплативни. За тоа треба да се измине морална преродба, да се сознае условеноста на егзистенцијата од нашите внатрешни состојби и да се медитира.

Својата суштествена идеја Буда вака ја искажал: “Укажувам само на едно единствено нешто, на страдањето и на ослободувањето од него... Како што морската шир е проникната само со еден единствен вкус, со вкусот на солта, исто така, ученици мои, ова учење и оваа дисциплина се проникнати со еден единствен вкус, со вкусот на *ослободувањето*“. Животот како постоење е исполнет со болка. Треба да се запознае процесот на ослободувањето за да може да се сопре страдањето. Според Буда, таа највисока цел може да се оствари само *со етички средства* - со воздржување да се прави зло, со правење добро, со прочистување на срцето, со медитација која облагородува и со правилно однесување кое не му прави штета на ниедно живо суштество.

Достигнувања на највисоката вистина и на личната доблест се нарекува пат на совршенството - **дамапада**. Реализирањето на Вечниот закон на постоењето е етички пат. Така во будизмот **се обединуваат моралот и сознанието**. Буда ја постигнал смислата така што се разбудил, просветлил. Неговиот лозунг до човекот гласи: **Разбуди се!** Буда бил еден од најголемите мисионери на етиката во нејзината историја.

Учењето на Буда, заедно со неговото почитување како божество или во некоја форма на полубожество, се раширило низ јужна и источна Азија, каде што настапувањето на будизмот било еден од најзначајните историски настани. Будизмот и денес е една од најсилните религии (понекогаш поврзана и со други идеи). Во секој случај, безгранична е почитта кон Буда. Будистичката мисла е разгранета во разни верзии; во некои од нив е главно единката да се стреми кон просветлување (*боди*), во некои се слави оној кој ја достигнал суштината на просветлувањето (*бодисатва*) и се вратил да престојува тука во светот да им помогне на луѓето да се спасат (интересно е што нивните ликови се претставуваат со најубавата појава на човечноста - *насмевката*).

Без оглед каква е суштината на почитувањето на Буда, сите овие концепции се етички блиски. Напоредно со аскезата и со вежбањето на добродетелта, се инсистира на духовната посветеност, на истрајноста, трпеливоста, добромислата, на љубовта кон луѓето и кон сé што е живо. Во придружната етичка песна на будистите е вели: "Моите дела се почвата на која стојам", со моето етичко решение јас се идентифицирам. **Петте основни будистички етички норми** се стандардните заповеди:

- Не убивајте ниедно живо суштество!

- Не одземајте туѓ имот, со каков-годе изговор!
- Воздржувајте се од секој вид бесрамност!
- Никогаш немојте да лажете!
- Воопшто не пијте алкохол!

Според пошироките правила за етичко однесување (бодисатва-шива), постојат **58 норми** што будистите треба да ги извршуваат, од кои првите 10 се слични со приведените правила - мора да се избегнуваат: убивање; крадење; неразумно однесување; лажење; уживање во опојни средства; озборување; суета; завист, непријателство и злоба; исмејување на трите скапоцености (основните начела на будизмот). Нужно е воздржување од 10 гревови: навредување, озборување, завидливост, омраза, нетрпеливост... Треба да се имаат **6 возвишени добродетели**: љубов кон ближниот, трпеливост, морална чистота, сила на волјата, милосрдност, добрина. Смислата на заповедите е дека се совети или потсетувања кои не смеат да се заборават. Буда барал учениците да запомнат: "Моите дела се моите најблиски сопатници. Јас ги насобирам плодовите од моите дела. Моите постапки ја градат мојата почва". Не се достатни само добрите мисли, потребно е и нашето вкупно дејствување. Ако се постигне **совршенство**, се станува **бодисатва**, некој вид светител, потоа **буда** - кога се добива мистично просветлување. Се достига **нирвана**,

Во исто време кога е создаван будизмот, обликуван е и конфуцијанизмот како општа народна етика на Кина, а дејствувал и Лао Це, а по нив уште многу философи и етички мислители. Тоа ќе биде интелектуална и етичка тензија, која ќе ги раздвижува етичките насоки во кинескиот (и во кореанскиот и во јапонскиот) живот сé до денес. Од влијанието на будизмот во Кина ќе се создаде мешан спој со таоизмот, интересното учење **чен** (*јап.* **зен**), со кое се поддржува особено суптилно *етичко-естетско* доживување на природата, светот и животот. Зен-будизмот ќе биде духовно и етички мошне модерен кон средината на XX век низ целиот свет, а денес е повторно многу влијателен.

Учењето на Буда го почитуваат најголемите трагачи по Доброто. Некои од неговите последователи, како **Нагарѓуна** (II век), се меѓу најзначајните етичари во човечката историја, а и современиот водач на тибетскиот будизам **Далај Лама** е еден од најпознатите светски етичари. И во денешната етика се мошне живи личноста и поуките на Буда, тие инспиративно и творечки делуваат врз градењето на Универзалната етика на новото човештво.

**Етички мисли од Буда**

“Кој ќе согледа дека човекот што го предупредува е мудар и му укажува што треба да избегнува, и дека таквиот умен човек треба да биде почитуван као откривач на скриеното благо - тоа е подобро, а не полошо за оној кој го почитува таквиот човек.“

“Предупредување и подучување, скротување на она што е непрочистено - така се здобива пријателство на искрените, а непријателство на неискрените.“

“Градителите ја разведуваат водата, ковачите ги острат стрелите, дрводелецот го бичи дрвото - умните луѓе се скротуваат себеси.“

## 7. Конфуциј

## ПРАВИ ГО ОНА ШТО ТЕ ПРАВИ ЧОВЕК!



Мнозина од најважните проповедници на моралот се прочуени научници и први и најголеми учители на своите народи. Нивното **влијание врз културата и етиката е огромно**, нивните идеи можат да се забележат во секојдневното живеење на луѓето и во сите димензии на опстојбата на нацијата. Еден од највлијателните светски мудреци и учители е Конфуциј, Кунг Фу Це, кој пред 2.500 години постави етичка теорија која оттогаш до денес е најприсутна и најжива кај најбројниот народ на Земјата - кинескиот, како и кај другите блиски народи од Далечниот Исток.

**Кунг Фу Це**, Кунг Цу (“Учителот Кунг“, латинизана форма **Конфуциј**, од семејството Кунг, со родено име Чију) се родил во 551 пред н.е. во благородничко семејство. Бил државен советник и наставник на раководителите. Посветен на живеењето според традицијата, има кажано: “Јас не создавам, јас предавам; јас верувам во старините и ги сакам“. За своја животна задача го сметал токму востановувањето на **добрата традиција**, која според него е нужна за добрата опстојба и односи помеѓу луѓето.

По некои малтретирања од властите, кога имал 50 години тргнал на патешествие низ Кина. Долго време барал владетел кој би ги спроведувал начелата за кои тој се застапувал. За да ги реализира своите идеи, Конфуциј основал сопствено **училиште**, бидејќи сметал дека стандардното образование е најдобра социјална мерка за успех во животот, како за ученикот, така и за земјата. Обучил 3.000 ученици. Кинезите толку го засакале овој морален учител и мислител, што откако починал во 479 година пред н.е. почнале да веруваат дека тој дошол од небото за да изврши висока етичка и национална мисија. Почнале да креваат *храмови* во чест на Конфуциј, го обоготворувале и му принесувале жртви. Два века пред н.е. конфуцијанството станало државна религија. Во 73 година н.е. еден крал го прогласил Конфуциј за *татко на луѓето*. Сметајќи го за свој предок, луѓето саделе дрвја околу неговиот гроб и така создале најголема градина на светот.

Основните дела на конфуцијанизмот ги подготвил самиот Конфуциј, иако врз постари извори - “Книга за промените“ (прочуената Ји-Чинг, за гатањето и претскажувањето на судбината на луѓето), “Книга на песни“ (збирка од дела во кои се учи за односот на Небото и човекот, за почитувањето на предците и за обичаите - Конфуциј препорачувал оваа книга особено да ја читаат младите, затоа што во неа нема никакво зло); “Книга за ритуалот“ (за обичаите и церемониите како основа за добрите односи помеѓу луѓето - помеѓу владетелот и поданиците, родителите и децата, повозрасните и помладите) и др. Другите дела на Конфуциј, кои главно се занимаваат со етиката, се записи на учениците на искажувањата на Учителот: “Големото учење“ (за моралните начела и за патот на самоусовршувањето на човекот), “Книга за златната средина“ (за

хармонијата во односите помеѓу луѓето), “Лун јуј“ (беседи и етички размисли на Конфуциј).

Учењето на Конфуциј, а и на целиот конфуцијанизам (кој имаше неколку преродби и осовременувања во текот на два и пол милениуми), е **особена етика**, проникната со религија и морал, а социјалната и индивидуалната етика се единствени. Највисоката реалност е Небото, симбол за возвишеноста. Само царот знае што сака Небото и само тој може да му укажува директно почитување. Луѓето не ја познаваат законитоста (Тао) на Небото, но затоа треба да се придржуваат на правилата (Тао) на Земјата: “Верувај цврсто во учењето за исправноста, во животот следи го правилниот пат“. Хармонијата на државата е мошне важна за човечкото живеење, па е дел и од религискиот култ. И државата и верата се одразуваат врз живејачката на единката, како што постапките на секого ја градат општата хармоничност.

Најважното за животот, за добрите односи помеѓу луѓето, за правилната организација на заедницата е секој да го заземе своето место - господарот и потчинетиот, таткото и синот, но и **секој да го прави она што е негова задача**: “Владетелот треба да биде владетел, министерот - министер, таткото - татко, а синот - син“. Името и суштината треба да се совпаѓаат. Секој треба да ги следи *своите должности*; етиката на конфуцијанизмот бара од секого да ги извршува животните обврски. Најважната задача е општата **лојалност** (посветеност, преданост, верност, почитување): господарот треба да ја одржува државата и да обезбеди работа и средства за живот на поданиците, а тие него треба да го слушаат и почитуваат. Таткото треба да ги воспита децата, тие него треба да го слушаат. Браќата и луѓето треба да си се почитуваат. Секој треба стриктно да ги следи нормите на однесувањето што му прилегаат како на човек.

Додека владетелот го искажува култот кон Небото, обичните луѓе ги почитуваат предците. Конфуциј вели: “Што човекот не може да нема? - Предци!“ Затоа е важно нивното почитување. Родовите ги почитуваат своите зачетници. По смртта на родителите жалоста трае три години, толку колку што тие го огледувале беспомошното детенце. Исто така е неопходно секој да остави потомство, за да се сочува почитта кон него (во родното место на Конфуциј уште има негови директни потомци, кои и по 2 и пол милениуми го одржуваат неговиот гроб и семеен култ).

Всушност, според Конфуциј, најважни се *пет основни релации*: помеѓу владетелот и народот, помеѓу таткото и децата, помеѓу поголемите и помалечките браќа, помеѓу мажот и жената и меѓусебно помеѓу луѓето. Тие се темели и основни projави и главни релации и на индивидуалната и на социјалната етика.

Моралот е строг, свечен, ритуален. Етичкото начело **Ли** претставува обврзност како *ритуал*. Конфуцијанските свештеници се всушност учители по ритуалот: “Почитувањето без ритуал е празна суета; внимателноста без ритуал е страшливост; смелоста без ритуал станува бунтовништво; поддршката без ритуал е грубост... Кога благородниот маж е верен на старите обичаи, тогаш народот е чесен“. Без ритуалноста ќе настапи хаос. Конфуциј барал да се извршуваат 300 верски обреди и 3.000 норми на правилното поведение. Затоа верата и етиката кај конфуцијанците се слични.

Покрај ритуалот (етичката конвенција), обврзно треба да се следи и принципот **Ји**, кој значи “правилност, исправност“. Тоа се оние нешта кои човекот треба да ги прави затоа што се *морални*, затоа што прилега да се прават (сообразни се, вистински се човечни). Спротивни се оние нешта кои се прават за некоја фајда, чија цел не е изворно морална. Оваа разлика е суштествена за

моралот - затоа Конфуциј велел дека човек со виш дух го разбира она што е исправно, а човек со понизок дух се поведува по она што мисли дека ќе му донесе ќар.

Етичката цел е да се постигне **Жен**, што значи *заемносӣ*, реално човекољубие. Станува збор за должноста како човекот да се однесува кон другите луѓе. Основата е во "љубовта кон другите". Тоа е способност на човекот да биде добар, да ги почитува оние личности кои треба да ги почитува, да има доверба во другите, да е внимателен во разговорот, да не навредува, да се усовршува и да ги подучува другите да се усовршуваат, да им помага на другите во дејноста. Таткото треба да постапува во сообрзаност со начелата на љубовта кон синот, синот треба да покаже дека го сака татка си. **Само човек кој ги сака другите може да ги извршува своите задолженија во општеството**. Замислата на Конфуциј е начелото Жен да ја опфати целата сфера на човечките односи: "Ако не знаете како да им служите на луѓето, како ќе знаете да им служите на боговите?!" Така Жен е спој на сите добродетели, идеална добродетел.

Личноста која ги исполнува задачите и ритуалите е **благородна** (*syн-se*). Тоа е *најѓолемиоӣ квалиӣеӣ* кој може да го постигне човекот. Тоа значи дека се придржува кон **златната мера** - ги избегнува крајностите, бега и од претераната посветеност, како и од гневот. Се смета дека Конфуциј е првиот етичар кој го искажал **Златното морално правило** (кое оттогаш го повторија многу етичари и народи во своите морални норми): "Не прави им го на другите она што не го посакуваш за себе!" Тој одговор Конфуциј го дал кога го прашале за значењето на Жен. Исто така рекол: "Човекот со добродетелта Жен е оној кој, сакајќи да се одржи себе, ги чува другите, и сакајќи да се развие себе - ги развива другите. Кога некој е способен од своето Јас да извлекува паралела за однесувањето кон другите луѓе, тоа може да се нарече реализирање на Жен".

Човекољубието, значи, е имање *обзири* кон другите. Се советува на другите да им се прави она што се посакува за себе самиот. Тој етичен став, искажување совесност за себе и за другите е - **Чунг**. Формулацијата на другите да не им се прави она што не го посакуваме за нас, е форма на грижа за другите - **Шу**. Овој став за *рециӣрочносӣа на моралноӣо однесување* учениците на Конфуциј го нарекле "мерило за применување на моралноста", па и денес може на секого да му биде мера за своето однесување. Ова начело вака го образложил **Цу-су**, внукот на Конфуциј, кој исто така бил голем етичар: "Она што не сакаш тебе да ти се прави, немој и ти да го правиш. Служи го татка си како што од својот син би барал да те служи тебе. Служи го својот владетел онака како што од своите потчинети бараш да ти служат тебе... Давај пример, однесувајќи се кон пријателите онака како што сакаш тие да се однесуваат кон тебе".

Целта е да се постигне **златна средина** - што значи во државата, во семејството, помеѓу луѓето да има *хармонија*, а не непријателство.

Добрите дела и добрите односи, следствено, зависат од однесувањето на луѓето. **Секој треба да ги извршува своите одговорности и должности**. **Човекот е градител на својот морал**. Секој во себе има мера за однесувањето и неа треба да ја применува во секој миг. Конфуциј сметал дека основното морално начело не му е далеку на човекот, дека му е "на дофат на раката". Затоа препорачувал да се сознае законитоста на постоењето и човекот да се однесува според неа. Тоа се концентрира во извршувањето на должноста, во постапувањето на човекот онака како што му прилега.

Благородната личност е идеал за етичкото дејствување и совршенство. Може да се биде благороден според родот, но **секој треба својата благородност да ја постигне со својот напор**, да го реализира Жен. Според Конфуциј, човекот

треба да се (само)изгради во добра личност, која правилно постапува, а со тоа ќе го достигне својот капацитет, ќе го прави она што нејзе ѝ прилега. За човекувањето и очовечувањето суштествено е *учењето*. Самиот Конфуциј се сметал себе за *учител*, воспитувач, и така го согледувале и неговите ученици и целата нација. Тој сакал неговите ученици да бидат "целосни луѓе", интегрални личности, кои ќе бидат корисни за заедницата (затоа учеле, исто така, разни науки и вештини). При подучувањето тој секогаш го истакнувал *моралниот* аспект - во неговата Книга на песните има 300 стихотворби, но самиот рекол дека нивната суштина може да се опфати со една смисла: "Немој да имаш расипани мисли!"

Уважуван до крајни граници, обоготворен, со јасна етичка мисла и бројни философски наследници, кои ги објаснувале и развивале неговите идеи, Конфуциј станал **Голем Учител на кинеската етика**, водејќи милијарди луѓе по патот на доброто.

Идеите на Конфуциј не предизвикале општо одобрување. Како и за сите философски концепции, некои мислители не се согласуваат со основната идеја, некои со деловите од учењето, а некои посакуват да ги доработат погледите на зачетникот на таа мисла. Сериозен опонент Конфуциј сретнал во Мо Ти или **Мо Цу** (479-381 пред н.е.), кој се појавил на философско-етичкото поле набргу по големиот Конфуциј. Историчарите тврдат дека недоразбирањата потекнувале и оттаму што следбениците на Конфуциј биле главно професионални научници, а приврзаниците на Мо Цу воини, кои се договарале за соработка со принцовите, а исто тако биле чувари на храмовите, каде што ги усовршувале добродетелта и своите способности. Покрај останатите разлики наспроти Конфуциевото учење, основното било тоа што новите мислители ја истакнувале **сеопфатната љубов** како принцип. Тие не ги негирале конфуцијанските идеали *јен* (храброст, човечност) ниту *ли* (полза, ефикасност), но велеле дека универзалната љубов е она што им е потребно на сите луѓе, без оглед дали се владетели или поданици. Тоа значи, со сите земји и народи треба да се постапува фино како да се твои. Ако тоа стане вредност, тогаш посилните нема да ги мачат послабите, шефовите нема да ги малтретираат подредените, итреците нема да ги лажат наивните - и луѓето ќе живеат во мир. **Ако љубиме, и нас ќе нè сакаат, ако правиме добри дела, и нам ќе ни возвраќаат на ист начин**. Ова е израз на *правдината*, којашто царот треба да им ја всади на своите жители. Тоа значи дека може да се совлада безмилосната судбина, за која обично се мисли дека не може да се смилостиви (Мо Ти е земен како херој на една серија свои текстови од модерниот писател *Бертолт Брехт*, кој со тоа направи низа ефектни етички поуки за еднаквоста и солидарноста). Постои убав расказ како постапувале мотистите. Тие ја истакнувале задачата дека на светот треба да му се обезбеди добродетел, а да се избегуваат несреќите. Нејси, започнала една војна. Групата на Мо Цу се бранела, напаѓачот поставувал справи. Почнале преговори. Напаѓачот рекол дека има план, ама нема да го изложи. Мо Цу рекол дека го знае, но нема да каже како ќе се одбрани. Дојденецот рекол дека му е јасно што ќе прават мотистите, но нема да го коментира. Тогаш царот, како посредник-медијатор, рекол: Кога е така, нека запре војната и нека нема напад! Можеби е најдобро вака да се воделе војните (слично понекогаш правеле во Италија во ренесансниот период изнајмените кондотиери), па човештвото да дознае дека е бесмислено да се војува. Подобро е водењето љубов! - екстатично велеа хипиците.

И самото учење на Конфуциј, полно со ритуали и морални церемонии, побарало свое дополнување, што го направил **Менциј** (371-289 пред н.е.).

Студирал кај внукот на Конфуциј. Имал кариера слична на Големиот Учител и го следел во своите доктрини. Но, во разработката на основните начела на моралот, чесноста, доброто дејствување и човечноста, Менциј додал и став дека **луѓето се добри според природа** (слична идеја едно столетие порано почнале да ја изнесуваат мотистите и била популарна во цела Кина). Кај Конфуциј не е поставено прашањето за потеклото на добрината, а кај Менциј тоа е основа на философијата на моралот. Според Менциј, човек се раѓа со 4 постојани добродетели. Бидејќи луѓето се добри, тие имаат вродено морално сознание и способност да прават добро. Исто така, секој има сила да стане **мудрец** и тоа може да го постигне со вежбање. Напоредно е поставено и учењето за *еднаквоста* на луѓето. А етички е невалидно инсистирањето само на корист (*ли*), што може да повредува некого. (Според традицијата во кинеската философија, се велело дека по Менциј е застанат развојот на конфуциевската доктрина).

Илјадници години во Кина истите правила служат да се изразат добрината и правилната насоченост на личноста. Истите идеи се пренесени и во Кореја и во Јапонија; во Јапонија идеите натаму се развивани во етиката на *бушидо*, како правила на однесување помеѓу јавните личности и кај воините. Денес еден од најзначајните современи философи, Јапонец во САД, **Френсис Фукујама** развива *етика на довербата* како шанса конфуцијанските идеи да влијаат врз општата светска етика. Корејскиот верски пророк и водач **Сан Мјонг Мун** изградува монотеистичка религија со силна *етика на семејна врска и меѓусебно почитување.* Со модерното општество од почетокот на XX век, кога во Кина се отфрлени царевите, усвоени се нови правила на заедничкото живеење и морал, а потоа од половината на векот доминираше оригинална комунистичка етика на "црвена гарда" и на неприкосновен водач на нацијата (со етички идеи во "мала црвена книшка", кои беа рецитирани масовно и гласно). Со новиот брз економски развој на Кина дадена е нова критика врз закостенетите церемонијални концепции на Конфуциј, но сепак овој Учител и денес милијарди луѓе го сметаат за татко на моралот, на семејните односи, на заедницата и државата, на верата. Можеби нема да ги следат неговите учења до збор, но основните идеи дека личноста треба да внимава на своето однесување и дека треба да има почитување во заедницата сигурно ќе бидат и натаму база во кинескиот морал.

**Етички мисли од Конфуциј**

“Учителот подучуваше на четири нешта: образованост, морално однесување, посветеност и искреност.“

“Да јадеш едноставна храна, да пиеш вода и да спиеш со рака под главата - тоа исто така може да биде задоволство. Богатството и положбата постигнати на нечесен начин за мене се исто што и облаците кои летаат по небото.“

“Јас не сум се родил со знаењата. Сум ги постигнал благодарејќи на љубовта кон Традициите и на упорноста во учењето.“

“Има луѓе кои, немајќи знаење, дејствуваат без да размислат. Јас не сум таков. Се трудам да чујам колку што можам повеќе, за да го одберам најдоброто и да го следам.“

"Човекот кој згрешил, а не ја исправил грешката, прави уште една."

# 8. Емпедокле
## ЉУБОВТА СОЗДАВА, ОМРАЗАТА УНИШТУВА



Кај некои мислители сите **философски идеи се етички**. Авторот не гради посебна етичка визија, која би била различна од неговото општо мислење, и не се занимава со толкување на одделни етички норми, туку целиот систем на размислувањето му е таков што сите теми и принципи на неговото истражување се етички. Начелата и категориите на битието кај таквите мислители имаат етичка сушност. Такви философски погледи втемелени врз општата етичка содржина развиваше Емпедокле, **еден од најексклузивните мислители** на сите времиња.

**Емпедокле** е роден во сицилијанскиот град Акраганто (денес Агриџенто) во 483 година пред. н.е. Половина век пред да се роди владеел тиранот Фаларид, познат со грдото насилништво - противниците, или оние коишто тој ги мразел (како што и денес прават автократите), ги затворал во зандана и ги мачел, но на специјален начин - ги ставал во бронзен бик со шилци, под кој валеле оган. Жртвите врескале, а од бикот виеле страшни гласови, во кои уживал садистот. Разбунтуваните граѓани го урнале свирепиот деспот и започнале поинаков живот. Градот станал напредна и прелесна населба - некои го нарекувале најубав, а некои најбогат хеленски град. Имале многу успеси на разни полиња. Се живеело раскошно и бурно, а Емпедокле запишал: “Акраганчаните прават гозби небаре ќе умрат утре, а градби креват небаре ќе живеат вечно“. Покрај тоа место денес има мал пристан Порто Емпедокле, единствено место на светот наречено според еден философ.

Емпедокле го сметале за **најуспешен граѓанин** на градот. Потекнувал од угледно семејство, бил исклучително учен и активен. Бил успешен лекар, воспоставил нов правец во медицината, различен од оној на дотогашните лекарски знаења. Тврдел дека лекарот треба да биде и видар и философ. Сметал дека за успешно лекување треба да се знае што е човекот, од што настанал и од што е составен. Дотогашната медицина гледала на човекот како единка која е целина за себе, додека за Емпедокле човекот бил целина со природата, нејзин составен дел. Внатрешната врска помеѓу човекот и светот (модерна замисла во сегашниот миг) е базична идеја токму на Емпедокле.

Во меѓувреме имало уште тирани во градот, па таткото на Емпедокле учествувал во уривањето од власта на еден самодржец, а самиот Емпедокле во уривањето на неговиот син. Аристотел го пофалува стариот философ заради неговата слободољубивост. Народот му понудил дури и кралска положба на

Емпедокле, но тој тоа го отфрлил, зашто бил против автократијата и имал чувство на општа еднаквост и поврзаност, како на природните сили, така и на луѓето. Емпедокле бил **волшебна личност**, го сметале за свет, за неговите зборови верувале дека се божествени, а за самиот него дека е нешто повише отколку човечко суштество. Уште додека бил жив му придавале натприродни димензии. Тој зборувал маестрално, се истакнувал во беседењето, па Аристотел сметал дека Емпедокле е пронаоѓач на реториката. Емпедокле бил навистина живописна фигура. Одел облечен во пурпур (како крал), имал долга коса, која ја врзувал со златна панделка, носел бронзени сандали и венец, како белег на својата божественост, го придружувале мнозина слуги. Говорел дека има власт над ветровите и дождот, дури и над смртта, дека владее со болестите и со староста. Зад него одела толпа, некои го молеле за помош, некои за оздравување, некои барале да им ја разгатне судбината.

Смртта на Емпедокле е мистерија. Се вели дека бил прогнан од вратените тирани и дека умрел на Пелопонез во 60-тата година од животот. Од друга страна, се кажува дека живеел сто години, а уште бил витален. Се искачил до вулканот Етна, најголема, магична сила на Сицилија. Таму или возлетнал кон небото над тој вечен отворен оган, или влегол во ужарената лава за да ја открие тајната на огнот. Некои сметале дека директно си заминал кај другарите богови, при што се тврдело дека неговата бронзена сандала ја исфрлил вулканот. Во секој случај, овој волшебен човек легендите го придружувале и по неговото заминување од овој свет.

Тој мистичен философ изградил многу интересно **учење, инспирирано од реалноста** на животот. Во животот нештата не се добри кога владее *омразата* (како при власта на грдите тирани и при неслогата на граѓаните), но животот тече добро кога граѓаните се *сложни* и има разбирање и позитивна енергија помеѓу нив; тогаш се создава и се гради, светот и животот одат напред. Оваа животна поука лежи во основата на разбранетата мисла на Емпедокле. Тој е еден од ретките европски философи кој комплетно пишувал во поетска форма, што соодветствува на неговиот дух и начин на комуникација. Во поемите "За природата" и "Исчистување" се дадени измешани неговите онтолошки, гносеолошки, биолошки и етички сознанија. Нешто не може да произлезе од ништо и ништо не може да замине во ништо - она што постои е вечно и не може да нестане. Постоењето претставува постојано **мешање** и **разделување** на основните светски состојки - земја, вода, воздух и оган. Тие нешта се ограничуваат меѓусебно, но и се проникнуваат, се условуваат и се мешаат. Животот е вечен.

Емпедокле смета дека две сили ги условуваат односите помеѓу елементите. Од нивното дејствување настанува светот или престанува да постои. Едната од тие сили е *позитивна*, етички **добра**, таа *спојува*. Тој ја нарекува **Љубов** - но користи разни имиња, кои означуваат чисто чувство и сакање, или согласност, единство, или "богиња на љубовта"; станува збор за фин опис на љубовниот жар и смисла. Втората сила е *негативна*, етички **зла**, таа *разделува*. Тој ја нарекува **Омраза** - но користи имиња кои означуваат отфрлање, или негирање, или "богиња на непријателството"; станува збор за лоша реалност на растурање и уништување.

Тоа е етичката смисла на философската визија на Емпедокле. Вековито светот постојано го следат создавање и уништување. Двете сили се секогаш во потенција; дали нешто ќе биде и ќе напредува или ќе се растури и загуби зависи од тоа која од силите ќе надвладее. Тие се сменуваат во владеењето, значи и во

резултатот што се однесува на животот-постоењето. **Љубовта создава и гради**, **Омразата растура и разорува**.

Емпедокле посочи на четири фази на ова градење-разградување. Кога во светот сé е во љубов, елементите се поврзани, силите не се противставени, светот личи на идеална топка: “Во густата темнина на Хармонијата лежи тркалезната топка, се радува на самотијата околу неа (т.е. нема ништо вон од соединетите елементи). Никакви караници ниту грд раздор нема во нејзините делови“. Во следната фаза се јавува Омразата, а кај нештата завладува лош дух; како што расте негативниот елемент, така се повеќе сé се разделува. Потоа владее Омразата, со неограничената негативност сé е растурено, нема движење, непријателството довело до непостоење, до хаос. Во четвртата фаза повторно се појавува Љубовта, пријатните емоции и сакање ги раздвижуваат нештата, се спојува она што омразата го беше разделила, и полека, па сé побрзо, со слогата се создаваат единство и хармонија, се склопува целината на светот, кој повторно постои. Под влијание на љубовта се создаваат сите нешта, па и живите суштества - кои сите страдаат кога ги надвасува омразата.

Основата на сé што постои се исти елементи, кои ги обединува силата на Љубовта, а се загубува нивната врска ако ги притисне неволјата на Омразата. Затоа сите нешта на светот имаат исти својства и потенцијали - и растенијата, и каменот, и животните сознаваат, а не само човекот (“Сé има свест и учествува во мислењето“). Тие меѓусебно се разликуваат само со нивото на совршенството; колку што се поединствени честичките од кои се составени нештата, нивните сетила се поостри, осетите посилни, а разумот пофин. Емпедокле зборува за **сеопштата поврзаност** на нештата, за единството на светот и човекот, кои треба да се развиваат и одгледуваат, како што постојано треба да се прошируваат сознанијата на човекот.

Со интимното и продлабочено сознание Емпедокле дојде до неговата визија за Љубовта и Омразата како особени манифестации на Доброто и Злото. Овие не се за него само непосредно морални, конкретни и човечки определени категории, туку поопстојни, суштествени принципи на општото постоење. Тие два принципи суштествуваат напоредно и меѓусебно се условуваат. Сепак, од нивната заемност блика нивната несовмесност, тие не се измешани, туку јасно разлачени, така што мешавината на нештата како реална егзистенција е израз на нивната особена доминација. При засиленоста на Љубовта и доброто постојат светот и луѓето, се радуваат, имаат задоволство, напредуваат, творат. При власта на Омразата и злото се загубуваат светот и луѓето, не постојат, сé е болка и назадување, несоздавање и уништување. За тоа зборуваат и реалните категории на двата вида состојби на нештата: слога, љубов, согласност, мир - спротивно: караница, раздор, растурање, неспокојство.

И во конкретната етичка поука Емпедокле укажува на **нужноста од љубов и креативност**. Нашиот живот е полн со омраза. Во првичната состојба, *злашниош век*, владеала божица на љубовта (Афродита), но таа ера се загубила заради раздорот, караницата и злобата на луѓето. Така светот станал “несакано место“ и “поле на бедотија“, низ коишто талкаат душите одметнати од Љубовта. Тие тука небаре издржуваат казна заради гревот од конфликти и несакање. Емпедокле “плаче и се јадосува кога го гледа тоа необично место“, зашто на земјата нема блаженство кога владее Омразата. Тука сé е растурено и не функционира идеалното единство на светот.

Емпедокле се сметал себеси за божество, а не за обично суштество. Тој се определил да им донесе на луѓето **исцелување** (колку убав збор: да се *враши целша*, да се *восшосшави целина*), да им ја поврати душата на вистински позиции

и да им најде лек за болеста. Затоа тој е *лекар* (или затоа што бил лекар знаел што значи да се воспоставува добра состојба и здравје, не само кај луѓето, туку и на животот и на целиот свет). Како прва стапка и задача тој барал да се почитуваат постоењето и позитивните сили. **Љубовта треба да се сака**, да се созава и да се одгледува, бидејќи таа "како свет и неискажлив дух го проникнува целиот свет и сите суштества ги спојува во Големо единство". Ако се свесни за Љубовта, ако имаат љубов, луѓето се милозливи и се разбираат, мислите им се благи, а дејствата единствени и корисни. Љубовта во луѓето поттикнува најшироко човекување. Но, трагично е ако луѓето немаат љубов, ниту свест за единството на постоењето. Кога колат животни, тие всушност убиваат свои блиски. Растенијата и животните се наши браќа и сестри, тоа сме ние самите - само што преобразбата на елементите им дала друг лик. Духот кој се распростира низ целиот свет **ги соединува сите суштества**. Претпоставениот фрагмент од Емпедокле гласи: "Доста такво одвратно клање! Зар не гледате дека во слепилото на својот ум се изедувате самите себеси?!" Како и Питагора, и Емпедокле тврдел дека за убиство на живото суштество следува казна која не може да се прости (најпознатиот етичар на денешницата *Пишер Синīер* се здоби со светска слава токму со својата дисертација за немилосрдното убивање на животните).

Емпедокле пророчки потсетувал дека **себеси треба да се спасиме од лошите дејства што ги правиме**. Тој бара "отрезнување од злото", од пролевање на крвта и од уништување на животот. Тој на луѓето им укажува дека треба да престанат да прават нешто што противречи на првичната поврзаност и љубов помеѓу сите суштества. Не треба да ги повредуваат или уништуваат своите ближни. Само исполнувањето на вакви благонаклонети норми го ослободуваат човекот за достигнување на блаженство.

Емпедокле го правел она што го учел. Бил вистински светител, им помагал на луѓето и на заедницата, сакал "општиот закон на правдината" да го внесе во целото човештво. Сите го сакале и почитувале затоа што зборот за добрината го потврдувал со своите дела.

Останува мошне интересното прашање - дали учењето за судирот меѓу Љубовта и Омразата како основни начела на постоењето, од кои едното гради живот, а другото води кон уништување, кај Емпедокле е поетска визија или произлегло од реалните согледби на животот? Тој имал шанса да види што значи среќата да се живее во соработка, со љубов и со почитување, па да се напредува - и што значи кога завладуваат негативните чувства, непријателство и разни неправдини, па следува упадок и растурање. Следствено, тоа би било реалистичко укажување на животната и етичка вредност на Љубовта и Доброто и на деградирачката сила на Омразата и Злото - за да бидеме постојано свесни за нивното значење и последици.

**Етички мисли од Емпедокле**

"Има малку нешта што луѓето можат да ги чујат, или да ги видат, или да ги разберат со духот."

"Љубовта и Омразата и порано постоеле и секогаш ќе бидат."

"Човечките делови Љубовта ги составува во едно, во лик што цути - за веднаш да бидат растурени од злите духови на Омразата."

# 9. Демокрит

## ЖИВОТНА РАДОСТ



Некои етичари се трудат да ги дофатат само најсериозните прашања и дилеми, некои уживат во веселите димензии на живеењето, а некои од нив животната радост ја сметаат за најсериозен пристап во животот. Тие предлагаат луѓето да имаат позитивен, отворен, весел однос спрема живеењето и животните проблеми. За нив животната радост е најголемо добро, врвна етичка вредност, која ја препорачуваат како основа и инспирација за животните намери и постапки. **Прв мислител кој радоста на живеењето ја унапреди во етичка цел** на човекот беше античкиот мислител Демокрит.

**Демокрит** е роден околу 460 година пред н.е. во тракиското гратче Абдера, познато според шегобијството на неговите граѓани. Љубители на дрско подбивање со своите сограѓани (како нашите прилепчани), тие најмногу сакале да прават шега токму со најумниот од нив - Демокрит, кој бил **најпрочуен научник** на епохата. Тој ги проучил сите науки и многу патувал по целиот тогашен познат свет за да дознае сé што се знаело. Во тие патријархални времиња, строго се оценувало растурањето на богатството, па некои се осмелиле да побараат строга казна за Демокрит затоа што го потрошил наследството. Целиот антички свет им се смеел на абдериќаните кога Демокрит докажал дека тие пари ги потрошил за да студира и да ги напише своите книги, кои ги ценел целиот свет.

Философското учење на Демокрит е познато како **атомизам**. Тој првиот учел дека материјата има конкретни ситни делчиња, невидливи со голото око. Таа се состои од безброј малечки, натаму неделиви честички, наречени *атоми* (“а-томос“ на грчки значи *неделив*). Тие имаат разни форми, а престојуваат во празниот простор. Сите нешта настануваат со спојување на атомите. Престанокот на постоењето на нешто значи разделување на атомите, раскинување на структурата која постоела како спој од атоми. Сé во светот и животот има законитост на своето случување, а за луѓето е голем предизвик тоа да го откриваат и сознаваат. Демокрит рекол дека повеќе сака да најде објаснување за една природна појава отколку да ја добие власта над огромното Персиско Царство.

Атомите се автономни во постоењето, со формата и во своето движење. За Демокрит, како голем откривач и почитувач на животот, идеалот на живеењето бил човекот да биде така автономен и слободен, да го работи она што мисли дека за него е најважно и да има радосна животна расположба. Тој се стремел да се ослободи од човечките страсти и маки, од болестите и тажните ситуации, од телесните и душевните бранувања. Не се ни оженил. Ја презирал и славата, па не сакал да живее во веќе прочуениот град Атина. Го викале

*Мудриот*. Тој прекар кажува дека тој и Аристотел биле најучени во Антиката и познавале најмногу разни науки. Помладиот Аристотел го пофалува Демокрита за начинот и разностраноста на неговите размислувања.

Вториот прекар го следи Демокрита уште и денес. Имено, го викале *Насмејаниот*. Тој постојано бил со ведар дух и непрестајно бил насмејан. При комуникацијата со луѓето тој секогаш имал насмевка на лицето. Ги критикувал сограѓаните што им се посветуваат на минливите задоволства и што во нив наоѓаат радост. Сметајќи дека Демокрит е будала, тие го повикале *Хипократ* да го прегледа, а најпрочуениот антички лекар им рекол дека среде нив единствениот со здрав разум е филозофот. Насмејаноста била толку својствена за Демокрит, што стана и негов имиџ, дури тип на психолошка карактеризација на мислителите. Во Ренесансата и по неа, кога повторно се раѓаше филозофијата и многу се расправаше за животните ставови, за тоа се користеа и искуствата од древните умни луѓе. Оценето е дека основен однос спрема животот се *оптимизам* или *песимизам*, радост или страв, надеж или безнадежност. Позитивниот и весел поглед на животот е претставуван со насмејаниот лик на Демокрит, негативниот и критички поглед со тажниот, расплакан лик на постариот мислител *Хераклит* (540-457 пред н.е), кој имал свенато лице кога објаснувал дека светот не е добар, а луѓето се лоши. Во многу европски музеи има двојка убави малечки бисти на двајца филозофи, Насмејаниот и Расплаканиот, како визуелен приказ на можното размислување за животните проблеми и за соодветното однесување.

Бидејќи по него дејствувал прочуениот Сократ, кого го сметаат за татко на етиката, се запоставува етичката улога на Демокрит, кој е **првиот европски мислител кој врз научна основа расправал за моралот и за животните вредности**. Напишал десеттина етички дела, од кои, како и од другите негови бројни трудови, останаа само фрагменти. Од 300 сочувани мисли, 230 се однесуваат на етиката. Тие се мошне интересни и важни за трагањето по смислата и содржината на доброто. Еве еден пример од Демокритовите разгледби за животната одговорност: “Кога телото би кренало обвинение против душата заради болките и малтретирањето што во текот на животот ги доживеало од неа, а кога судија би бил Демокрит - тој би ја осудил душата затоа што со невниманието го упропастила телото, а со пијанството го ослабнала, или со блудот го уништила, исто како што се прекорува оној кој безобѕирно се служел со некој предмет, кој сега е во лоша состојба“.

Демокрит починал во 360 година пред н.е., кога имал 90, а можеби и 100 години. На крајот од животот ослепел. Кажувале дека повеќе не можел да разликува помеѓу белото и црното, но дека и натаму знаел да ја направи разликата помеѓу доброто и злото, праведното и неправедното, чесното и срамното, корисното и некорисното, важното и безначајното. Тоа е основната моќ на етичарот. Без познавањето на боите може да се живее, но не може без вистината и добрината. Демокрит укажувал оти видот ја попречува острината на духот. Додека другите не гледале ни она што им е пред носот, тој со духот патувал по целиот свет и низ бесконечноста, низ човечките дела и широчината на моралот (со таквото духовно патување тој го открил-замислил постоењето на атомите, кои луѓето не можеа да ги видат сé до современета ера со силни микроскопи).

Дека Демокрит се трудел да воспостави етичка наука може да се види од тоа што учењето за атомите го поврзувал со етичките концепции: “Демокрит чувствувал дека околу него блика множество честички, кои предизвикуваат де добро де зло, и сакал да се сретне само со оние кои донесуваат добро“.

Чувствата, според него, се треперење на душевните, најфините атоми, па се добри само оние дела и душевни задоволства кои не предизвикуваат вознемиреност или разнебитеност, негативни состојби. Затоа тој среќата не ја барал во надворешните добра, туку во стремежот кон сознание и во хармоничното живеење, што се постигнува со умереноста и самосовладувањето.

Основната етичка идеја на Демокрит е сконцентрирана во евтимијата, која е најголемо добро, а истовремено и блаженство и благосостојба. **Евтимија** значи духовна ведрина, животна радост, благост во душата. Таа е внатрешна рамнотежа и непоматеност, бестрасност, спокојство во онаа душа која станала господар на своите страсти. Евтимијата е *етичка цел*: "**За човекот е најдобро својот живот да го мине што повеќе духовно ведар и радосен и што помалку нерасположен**".

Таквата радосна состојба се создава преку сознание за вредниот живот и преку разликување и правилно одбирање на задоволствата, а човекот не се стреми кон минливите наслади: "За оние кои од стомакот ги бараат своите уживања и ја надминуваат мерата во јадењето и во пиењето и во љубовните сласти, за нив уживањата се куси и не трајат долго - само додека јадат или пијат, но болките се многубројни". Затоа за луѓето е подобро и етички оправдано повеќе да се грижат за душата отколку за телото, зашто "совршенството на душата ја поткрева слабоста на телото, но силите на телото без силата на умот не ја прават душата подобра".

Главниот метод за постигање на евтимија како блаженство е **мерата**. Духовната ведрина и радост, далеку од лошата волја, може да се постигнат само со внимавање на мерата. Умереноста е база за добар животен избор. Без неа, според Демокрит, се невозможни блаженството и радувањето: "Кој сака да се здобие со душевна радост, не треба многу да презема ни во приватниот ни во заедничкиот живот, а што и да преземе, тоа не треба да биде над неговите сили, ...бидејќи умереното имање е побезбедно од прекумерното изобилство". Вистинска мера на живеењето се **умереноста во барањата и во уживањата**. Човек не треба да гледа на оние кои безмерено трошат или само се забавуваат, ним луѓето безразложно често им се восхитуваат и им завидуваат. Треба да ги набљудува оние кои имаат малку и страдаат, претставувајќи си ги во себе нивните патила. Тогаш неговата положба и имот ќе му се сторат големи и пристојни и нема да копнее по повеќе, а со тоа на душата да си создава маки.

Ваквото однесување, без прекумерно стремење кон обилство и задоволства, ги смирува во душата лошите страсти, како што се завидливоста, стремежот кон слава и непријателството. Демокрит зборува дека луѓето кои со занес се стремат кон поголем имот го губат и она што го имаат. Затоа вели: "Единствено е добра вистинската мера - прекумерноста и недостатокот не ми се мили".

Кај Демокрит можат да се сретнат како етичка тема, принцип и морална норма низа прашања и аспекти кои подоцна ќе бидат развивани кај прочуените антички етичари. Тој го истакнува значењето на *должноста* како услов за блаженството. На пример, посочува дека човекот се воздржува од грев не заради стравот, туку од чувството за должност. Својата морална сила секој ја покажува особено тогаш кога во несреќата мисли на она што треба да го направи како должност. Справедливоста претставува исполнување на својата должност, а несправедливоста значи нејзино запоставување. Човек се здобива со духовна ведрина, силина и спокојство ако ја извршува својата должност, како што поради нејзиното неизвршување станува незадоволен, неспокоен и се измачува самиот себе.

Кај Демокрит се истакнува и неопходноста од *работење и напор*. Оној кој го бара доброто, го наоѓа само преку дејствување - а злото оди и кај оној којшто не го бара, а е мрзелив. Благородните нешта се здобиваат само со напорно учење и труд. На трудот човек треба да се научи уште во младоста. Исто се важни и *чистото срце* и *чесната мисла*: "Најдобро придонесува за добродетелта оној кој дејствува од срце и со разум". Добар не е оној кој не прави неправда, туку оној кој воопшто не сака да ја прави: "Непријател на човекот не е само оној кој му прави неправда, туку и оној кој сака да му ја направи". Затоа е добродетелен оној кој не очекува награда и возвраќање за делото, туку оној кој прави добро сам од себе.

Учењето на Демокрит за **совеста** е едно од првите во историјата за оваа духовна основа на моралот кај човекот. Совеста е силата на моралната личност: "Од себе самиот треба да се срами оној кој прави нешто нечесно". Затоа добриот нема да прави зло дури и ако не го гледа никој: "Спас за животот е каењето заради срамните дела".

Зборовите на Демокрит за **пријателството** спаѓаат меѓу најпоучните за овој важен животен фактор (за кого многу се расправало во Антиката, а денес е запоставена етичка тема): "Никој не го сака оној кој не сака никого". Пријателството зависи од еднаквоста на разбирањата и на вредностите. Дури Демокрит ќе забележи: "Не е достоен за живот оној кој нема ниеден чесен пријател".

Уште многу теми, сознанија и поуки понудува етиката на Демокрит. Една од поинтересните е дека "државата е здрава кога нејзината управа е здрава, а кога таа е расипана - сé пропаѓа". Но, централна мисла кај него е дека целта на живеењето треба да биде **животната радост** во форма на духовна стабилност, чесност и умереност, радување на животот и на постигањата. Затоа одвреме навреме луѓето повторно се свртуваат кон ставовите од великиот етичар, во нив барајќи одлична позитивна инспирација за трасирање на својот животен пат.

Идеите на Демокрит речиси директно ги презеде и разви како физика и како етика **Епикур** (341-270 пред н.е.), чиешто учење во форма на голем еп го опиша римскиот интелектуалец **Тит Лукрециј Кар** (97-55 пред н.е.). За прашањето на животната радост има уште неколку интересни мислители. Разни философи биле духовити, правеле шеги, но најчесто не се смееле. Античкиот писател **Лукијан** од Самосата (120-183) своите философски расправи ги создавал како сатири, веројатно очекувајќи благотворното дејство на смеата да поттикне животна радост кај луѓето. Во Средниот век дури се осудуваше смеењето - како може ние луѓето да се радуваме ако на крстот Христос умрел во маки за наше добро (се спекулира дека намерно е загубен вториот дел на естетичкото дело "Поетика" на Аристотел, во кое, по првиот том, во кој се расправа за трагедијата, во последната реченица е навестено дека следува расправа за комедијата). Во Ренесансата смеата повторно заживува како етичка визија. **Франсоа Рабле** (1494-1553), лекар и професор, во грандиозното дело "Гаргантуа и Пантагруел", измеша народни шеги и лични сознанија за вредноста на радувањето, но го искажа и најзначајното *предупредување за современата етика на науката*: "Сознанието без совест е празно". Најучениот човек на својата епоха **Еразмо Ротердамски** (1465-1536) создаде дело во чест на животната радост "Пофалба на лудоста", кое остана најпопуларно од сите негови бројни сериозни научни трудови. Во Женева под влијание на *Жан Калвин* (1509-1564) беше забрането радување, а во веселата Британија речиси до пред 150 години во неделините беа затворени крчмите, театрите, спортските терени (слично како неподвижноста во ортодоксните јудејски семејства во саботините).

**Волтер** (1694-178) уживаше во животните радости и им ги препорачуваше на луѓето, а тоа денес го вежбаме со неговите книги "Кандид" или "Философот незнајко". *Артур Шопенхауер* (1788-1860) го сметаше овој свет толку негативен, што ако е само малку полош, не ќе можеше во него да се живее. **Пол Лафарг** (1842-1911), модерна личност, зет на Карл Маркс, направи статија со пофалба на животната радост и на правото на мрзеливост. За смеата како естетска појава имаат пишувано многу мислители, но малкумина ја препорачуваа како животна основа. Но тоа може да се најде кај современите писатели и филмски творци, на пример во сето дело на **Чарли Чаплин** (1889-1977), од чии филмови и музика блика силен *повик за радување*, или во советот до луѓето да бидат *дружељубиви и весели* од шкотскиот писател **Роберт Луис Стивенсон** (1850-1894)). Современата епоха донесе низа психолошки трудови кои препорачуваат отворање на духот кон **позитивното** размислување и однесување - како оние на **Норман Винсент Пил** (1898-1993), кои се слични на основната идеја на Демокрит. Сепак, еден мудрец ни кажа, кога го прашавме како е: "Умен човек не може во сегашното време да каже дека е добро!?" Лоренс Питер и Рејмонд Хил во популарните духовити книги "**Принципот на Питер**" тврдат дека нештата секогаш одат кон лошо. Големо прашање е како прекрасната идеја за животното радување да биде оправдана со новиот песимизам, т.е. реализам.

**Етички мисли од Демокрит**

“Живот без радување - долг пат без гостилница.“

“За човекот е најдобро својот живот да го мине што повеќе духовно ведар и радосен и што помалку нерасположен.“

“Вистинската љубов е стремеж кон убавото без насилство.“

“Луѓето не се среќни ниту со телото ниту со парите, туку само со чесноста и разумноста. “

“Најубавото во сé е вистинската мера.“

“Зло е ако ги следиме лошите, но зло е и ако не ги следиме добрите луѓе. “

# 10. Сократ

# НАУЧИ ЗА ДА БИДЕШ ДОБАР



Учителите на мудроста најчесто се и учители на моралот. Добриот метод за научно сознавање и посветеноста кон знаењето му овозможуваат на големиот творец да ги осмислува исто така проблемите на човечкото дејствување. Впрочем, сите сознанија служат за реализирање на човечките цели, од кои исправното постапување е една од најважните. Природно е големиот мислител да биде и бележит етичар. Таков бил големиот Сократ, со кого легендарно **започнува историјата на европската етика**.

**Сократ** е роден во Атина во 469 година пред н.е. Бил првиот значаен философ по потекло од овој град на умноста (чиј историски амблем е *бувот*, симбол на мудроста). Дотогаш философијата се развивала во Мала Азија, на јонските острови, на Сицилија и во Јужна Италија, а во Атина дејствувале мислители дојдени во другите градови. Мнозина од нив биле *софисти*, “учители“, кои за пари ги подучувале луѓето на беседништво и на други интелектуални вештини. Во тој период Атина расцутела, станала политички центар, со силна морнарица и богата трговија, а Перикле градот го украсувал со бесмртните градби на Акропол. За подемот на Атина е значаен и придонесот што го дал Сократ, нејзиниот **најпознат жител**.

Во живеењето на Сократ немало многу промени, но неговиот живот е интересен исто колку и неговото учење. Татко му бил скулптор, а мајка му бабица. И самиот Сократ бил скулптор, но потем со занес се предал на философијата, на размислувањето за умноста и за добрината и на градењето добро кај луѓето. Велел дека како татко му ги оформува душите на луѓето, а како мајка му кај нив (од нив) ги породува нивните сознанија и добрина. Бил непријател на софистите, не само затоа што овие наплатувале за своето подучување, туку и затоа што ги манипулирале луѓето (со тоа ќе се отворат трајните прашања на педагогијата, на човечкото растење, на заедничкото живеење и на културното делување). Сократ расправал со многу философи и обични луѓе, кои, според него, немале точно и прецизно знаење. Токму тоа била неговата основна амбиција - да открие **како да се дојде до вистинското знаење**. Единствена со тоа е и втората амбиција на Сократ **како луѓето да научат што е добро?**

Тој верувал во човечката природа, во силите на човекот. Заблудите му пречат на човекот да дојде до вистинско сознание и исправен став. Кога би знаел што е добро, секој човек тоа и би го правел. Тоа е базата на Сократовата етика, на која тој ѝ го посветил целото свое живеење.

Сократ бил чудна личност, дури и во еден толку исклучителен град, каков што тогаш била Атина, најголем хеленски град, со 40.000 жители (не сметајќи ги

жените и децата), со 20.000 доселеници (главно занаетчии и извршувачи на другите работи) и со 100.000 и повеќе робови. Атина била центар на трговијата и поморството, имала големо богатство. Ја развивала демократијата дотаму што им се плаќало на граѓаните секојдневно да учествуваат во работата на градските установи и во решавањето на државните работи. Се развивале митологијата и религијата, атинската трагедија и комедија се меѓу најпознатите светски театри, а полн процут доживувале градежништвото, вајарството, сликарството и керамиката. Во тој духовен круг Сократ бил ексклузивна личност. Го сметале најумен човек на епохата, а одел бос и несоодветно облечен (без долна кошула под наметката). Бил скромен и издржлив. Тогаш сите оделе насекаде, а тој само 2 пати во животот излегол од градските ѕидишта (велел дека секаде има куќи и дрвја, но само во неговиот град има доволно луѓе за разговор). Понекогаш задлабочено размислувал, не забележувајќи ги луѓето околу себе. Особено уживал да оди низ градот и по неговите улици и паркови да муабети со разни луѓе за најважните прашања (тоа е слично небаре тоа го прави низ скопската или битолската Стара чаршија). Сократ бил талентиран и разговорлив, имал толку оригинални идеи и успешни настапувања, што масовно го следеле младите, за да слушаат и да учат од него.

Тогаш настапуваат лошите луѓе, на кои етиката секогаш им боде очи (таквите имаат "двојни лица", божемски се застапуваат за морал, а всушност ја навредуваат етиката). Не знаеме зошто тие точно го замразиле Сократа, но тројца никаквеци го обвиниле пред судот (нема да им ги спомунеме имињата, бидејќи неранимајковците палеле и најголеми храмови за името да им остане запаметено во историјата). Побарале Сократ да одговара за тоа што ги негира боговите и ја расипува младината. Му советувале на Сократ да избега од градот, како мнозина други во слични ситуации, или барем да се подготви за збор пред судот. Одговорил дека за ваква одбрана се подготвувал целиот живот, зашто нема подобро бранење од чесното живеење. Пред собранието, кое истовремено било и поротен суд (501 човек), Сократ рекол дека сите знаат оти е религиозен - постојано велел дека него го предупредува некој божествен глас (“дајмонион“) да не право лоши дела (тоа е едно од **првите учења за совеста**). Посочил дека во односот кон него станува збор за неправилно јавно мислење, зашто од пророчицата во Делфи било кажано дека нема помудар човек од Сократ, а тој всушност на сите им покажува дека не го знаат она за што мислат дека го знаат, па тој е најмудар само затоа што **знае дека ништо не знае**. Обвинението во врска со младината го отфрлил како грешка, бидејќи тој не учи никого, како што прават софистите. Се повикал и на големиот морален аргумент, посочил на својата *сиромаштија* како показ за својата чесност. А рекол и дека тој не се плаши од пресудата, зашто ја извршува должноста (мисијата), а тоа не може да го остави - дури да го уценат дека под некој услов ќе го ослободат, тој нема да се согласи да престане да ја испитува вистината и да ги советува граѓаните.

Обвинет од злите, а од немарните и заведените осуден на смрт, Сократ им рекол дека требало да го наградат со пензија, бидејќи сега не ќе има кој да ги подбуцнува за да станат поумни и подобри. Себе си се оценил како остен, кој со бодење ги **буди разумот и совеста на сограѓаните**. И уште им рекол, дека не се знае кој оди кон подоброто - тие во живот, а тој таму каде што велат дека е вечно и интересно, зашто ќе може да разговара со претходните најумни луѓе од сите епохи. Како и Исус, чекајќи на смртта Сократ разговарал со своите ученици и им посочил важни нешта. Го убедувале да избега, дека ќе му помогнат во тоа. Тој ги разуверил, кажувајќи дека со тоа би ги навредил законите (редот и обичаите) на својот сакан град, во кој е роден и во којшто му било овозможено

да се развие, да живее и да дејствува, а сега го поттикнуваат да ги гази и негира тие закони за некаква замислена лична корист. Кажал дека тоа не му прилега нему, со неговите 70 години и со углед на Филозоф и Етичар, како родител и како добар граѓанин во текот на целиот свој живот. Сократ мирно го испил отровот. Тоа било во 399 година пред н.е. Тоа е една од најзапаметените смрти во историјата.

Сократ лично не оставил пишани траги. Како и неколку други големи учители на моралот, најверојатно сметал дека единствено е важно неговото непосредно духовно дејствување. Меѓутоа, неговите ученици направија пишани документи кои сведочат за тој редок ум и овозможија така да стане **еден од најзначајните етички учители на човештвото**. Вљубен во него и неговите идеи, **Ксенофонт** (430-345 пред н.е.) оставил неколку книги спомени за Сократ, а големиот **Платон** (427-346 пред н.е.) целото свое дело му го посветил на Сократ, првин опишувајќи ги неговите случки, разговори и мисли, а подоцна земајќи го за главен херој во своите бесмртни философски дијалози и етички поуки. Мислите на Сократ ги претставил и **Аристотел** (364-321 пред н.е.), ученикот на Платон. Логичките и етичките идеи на Сократ се ширени активно од неколку групи мислители, од кои некои биле непосредно *негови ученици*. Иако биле философи од различни ориентации, нив ги обединувал стремежот за остро сознание и духовна слобода, кои треба предано да се негуваат и бранат. *Антистен* сметал дека на човекот му треба малку, а неговиот ученик *Диоген* бил радикален аскет; од друга страна, *Аристип* учел дека задоволствата се основа на човековите стремежи, но дека човекот треба да знае да се контролира во страстите; *Евклид од Мегара* и неговата школа развивале нов вид логика (од овие школи ќе произлезат важните етички и логички истражувања на Епикур и на *стоиците*, кои Сократа го сметале за свој херој и духовен образец).

Суштината на учењата на Сократ е комплексна; впрочем, тој е еден од најзначајните мислители во историјата. Неговите основни идеи може да се искажат во неколку точки. Сократ е *рационалист*; за него најважното својство на човекот е *разумот*, основниот човеков дострел и богатство е *знаењето*. Човекот во себе има сила да дојде до знаењето, тоа се наоѓа “во“ самиот човек. Сократ не верувал дека човекот не може да не ги знае нештата, туку дека не се труди да ги сознае. Неговиот основен лозунг како логички и етички инструмент гласи: **Сознај се себеси!** Старохеленскиот општ идеал *гноти сеавтон* (лат. *scito te ipse)*, кој бил запишан и на храмот на богот на мудроста Аполон, како Сократова насока ќе стане базична етичка вредност и поука во Антиката, тоа ќе биде наслов на делото на последниот антички етичар царот *Марко Аврелиј*, а со таа идеја ќе започне и оригиналната западноевропска етика кај *Пјер Абелар*.

Во напорот да го шири сознанието, Сократ го испитувал своето и туѓето знаење. При тоа постапувал мошне интересно. Учителите и просветителите обично проповедаат, но Сократ не го правел тоа. Тој водел разговор со луѓето и така заедно ја откривале вистината. Овој метод **дијалог** ќе стане еден од основните философски патишта до вистината (а денес се препорачува како основна постапка при плуралноста на ставовите и глобализацијата на животот). Сократ севезден разговарал со луѓето, развивајќи ги своите философски сознанија и помагајќи им и луѓето да се сознаат себеси. Тој верувал дека знаењата се **општи**, еднакви за сите, и дека со напор може да се дојде до нив. Во разговорот истакнувал дека тој самиот не знае ништо, а и на луѓето им покажувал дека ни тие не ги знаат нештата за кои мислат дека ги познаваат. Тоа е Сократовата **иронија**, прв дел на Сократовиот метод, со парадокси побивање на ставовите на соговорникот. Тука настапувала втората стапка - Сократовата

**меевтика** ("бабичка вештина"), со која од душата на разговорникот ги породувал вистинските сознанија за проблемот, особено за етичките дилеми и нужности.

Сократ барал да се дојде до јасни **поими**, до точни определби на нештата. Збрканите сознанија, со нејасна содржина и форма, не можат да водат кон квалитетно дејствување во ниедна сфера. Само јасната согледба овозможува добро постапување. Сократ ја има искажано стандардната рационалистичка етичка мисла, дека е **невозможно да греши човекот кој знае**, дека оној кој сознал што е добро и правилно, тоа и ќе го прави.

Така Сократ ги втемелил **научните основи за етиката** во Европа. Етиката дотогаш била градена како изнесување на визиите и на актуелните цели, понекогаш и како анализа на психичките основи на моралот, а Сократ посочувал како да се градат трајни правилни етички сознанија како основа за доброто дејствување. **Треба да се научи, за да може да се биде добар!** Сметал дека нема никаква полза да се постапува храбро или справедливо ако човекот тоа го прави без знаење, свесна цел и намера.

За Сократ **добродетелта е знаење**, доброто дејствување е пројава на умот. "Тој не правеше разлика помеѓу мудроста и моралноста", напиша Ксенофонт, па за умни и морални ги сметал оние кои знаат што е добро и тоа го прават, или знаат што е грдо и тоа го избегнуваат. Сите добродетели Сократ ги сметал за една целост, велел дека **добродетелта е една,** зашто ако сите добродетели се знаење, тие се цврсто поврзани и обединети. Впрочем, кај сите луѓе е еднаква склоноста кон доброто и оваа љубов за добродетелта треба да се развие. На сите им се потребни трудење, вежбање, воспитување, како што е потребно најмногу учење за да се постигне она што е најдобро. Значи, **добродетелта може да се научи**. Тоа се Сократовите етички учења.

Дека Сократ имал крајно благородна душа покажува неговата увереност дека **никој не греши намерно**, туку дека кај лошото дело станува збор за незнаење на тој човек што е добро, а не дека не го сака доброто (во модерниот свет, во којшто етиката е мошне значајна форма на човечкото размислување и дејствување, токму таквиот став за нужноста на учење што е правилно е основа за моралното воспитување и за моралното оценување на секоја личност). Како принцип Сократ го поставил **самоусовршувањето**, каде заедно одат интелектуалното и етичкото воздигнување на личноста - што многу пати потоа беа заложби на философите во подоцнежните епохи, па и денес овој принцип е основна позиција за новововеденото етичко образование на младите.

Сократ не бил личен човек, но мнозина биле вљубени во него. Блескал со знаењето, достоинството, ексклузивноста и добрината. Тој уште е траен љубимец на младите. Љубовта кон оваа романтична духовна и етичка фигура е свовиден тест за етичката наклонетост на личноста - кој ги сака Сократа и неговиот метод и поуки, тој го сака и моралот, а оној кој го критикува Сократа и се сомнева во неговите идеи, значи дека ја отфрла етиката.

**Етички мисли од Сократ**

"Сознај се себеси!"

"Јас знам дека ништо не знам."

"Исто е да се знае што е праведно и да се биде праведен."

"Никој не дејствува со знаење против она што е најдобро, туку само од незнаење. "

# 11. Антистен

## НАМАЛИ ГИ ПОТРЕБИТЕ!



Во етиката многу учења, разни видови доктрини се посветени на самоконтролата на однесувањето, некои дури на внимавањето при задоволувањето на природните потреби. Една од најпознатите радикални теории за големата морална вредност на **воздржувањето од претераните потреби** на човекот е онаа на античките киници. Основачот на ова етичко движење е Антистен.

**Антистен** е роден во Атина во 444 година. И покрај тоа што татко му бил домороден жител, мајка му била робинка од Тракија, што влијаело на неговото живеење и животен пат. Немал граѓански права и бил многу сиромашен. Најнапред учел кај прочуениот софист Горгија, а и самиот потоа давал часови за пари. Бил свесен за разликата помеѓу философијата и реториката, велејќи дека философијата треба да ја учи оној кој сака да се дружи со боговите, а реториката оној кој се определил за дружба со луѓето. Во своите зрели години се свртел кон философијата и станал еден од најприврзаните ученици на Сократ. Секој ден одел пеш од луката Пиреја до Атина 7 километри за да го слуша големиот философ. И на своите ученици им препорачал да учат од оваа исклучителна духовна личност.

Својот углед Антистен го создал со надминувањето на учителот во скромноста, со својата рамнодушност кон облекувањето и со едноставноста на живеењето. Така достигнал **автаркија** (самодоволност) и неа постојано ја потврдувал со сé понагласена слобода на однесувањето. Се обвиткувал со скината наметка, за што и Сократ и Платон (којшто не го сакал, велејќи дека почнал да учи премногу стар) имаат кажано дека низ дупките на наметката ѕирка неговата горделивост. Антистен бил првиот кој на рамото носел торбичка (некои ова го толкуваат како далечен одглас од сличната опрема на џајнистите, будистите и јогините во Индија во исто време, односно како белег за попродлабочени историски човечки и духовни универзални врски на човештвото отколку што ние денес знаеме). Антистен првиот постојано носел долг стап - како симбол на патувањето, на немањето постојан дом и крај, за коишто е приврзан. Но, тој бил сесрдно предаден на учителот, бил меѓу оние 14-мина кои присуствувале на последните денови на Сократ.

Потоа Антистен направил школа во вежбалиштето Киносарг, кое било единствено отворено за атињаните без граѓански права. Според ова место школата е наречена **киничка**, или, пак, според начинот на живеење на нејзините приврзаници, чијшто беден живот го споредувале со оној на кучињата (хел. *киникос*). Во школата сето внимание било посветувано на етиката, т.е. на откривањето и спроведувањето на правилното дејствување. Антистен живеел до 365 година прд н.е. Оставил значајна група ученици зад себе, кои ја пронеле

славата на кинизмот, пред сè преку влијанието врз создавањето на стоичката етика на воздржаноста и должноста (како едно од најпознатите светски учења), но и преку разни други духовно-социјални пројави, така што нивното име денес е раширено и во формата **цинизам** - во значење шегобијство, подбивање, отфрлање на редот, како своевидна критика на граѓанскиот морал и на човечката наперченост.

Антистен е мошне значаен философ. За учењето на Платон за апсолутната реалност на идеите има кажано: "Гледам коњ, но не гледам коњство", на што Платон му одговорил дека има око за гледање на коњ, но уште нема философски сензибилитет за високите концепции. Сепак, ставот на Антистен не е игнорантски, туку посебна философска позиција, која како реалност ја брани единственоста на секое постоење (тоа ќе стане основа за *номиналистичкиот* став наспроти т.н. реалистичкиот во учењето за идеите, кој се одразува во емпиризмот, материјализмот, утилитаризмот, прагматизмот и во разните други учења). Ваквата позиција имала влијание врз целото негово учење, зашто Антистен го сконцентрирал својот философски дух врз улогата на единката.

Тој секако го отфрлал учењето на другиот Сократов ученик Аристип, кој слободата ја барал низ визијата за задоволствата. Антистен постојано кажувал: "Подобро е да се полуди отколку да им се попушти на задоволствата". Во своите текстови посебно пишувал за својот идол *Херкул*, кого киниците го сметале за светител и за него создавале разни приказни (што ќе ги инспирира подоцнежните хагиографии на христијанските светци). Претставувајќи го како возвишена и чудотворна личност, Антистен ја истакнувал Херкуловата борба против страстите и за извршување на должноста. Всушност, се потцртувала вредноста на добродетелта. Така се создавани киничките принципи на **силна етичка волја**, самоконтрола и воздржаност од потребите.

Смислата на етиката кај Антистен е инспирирана од Сократ: "Целта на философијата е да се живее според моралните принципи". Затоа **етиката е централна точка**, дури единствена содржина на интелектуалниот и животен ангажман на Антистен и киниците. Тој животот го спроведувал онака како што учел и подучувал непосредно со своето однесување и пример. Велел: "Добродетелта се олицетворува во дејствувањето и нејзе не ѝ се потребни многу зборови и сознанија". Знаењето е потребно за дофаќање и исполнување на етичките цели. Како Сократ, и Антистен сметал дека добродетелта може да се научи и дека не може да се загуби. Затоа е потребна посветеност кон учењето и **постигнување на добродетелта**.

Антистен многу укажувал и на *волјата* како извор на моралот на личноста, која може да ја води кон **добродетелта** и кон **автаркијата**, како две големи цели на човекот: "Благородноста и добродетелноста се нешто исто. За блаженство е достатна добродетелта, а за неа не е потребно ништо друго освен сократска сила на волјата". Тој го давал примерот дека мудрецот постапува според својата морална сила, како израз на својата цврста волја и непоколеблива етика. Добродетелта, значи, е доволна за да се постигне блаженство, таа е една и единствена, насекаде и секогаш иста, таа може да се научи и не може да се загуби (всушност, таа е во личноста, која може да ја сочувува додека ја чува целината на својата егзистенција и персоналност).

Конкретните **цели на доброто живеење се во борбата против потребите и пожудите**, кои човекот го оневозможуваат да има лична независност-*автаркија*. Антистен сметал дека најголемиот непријател на добродетелноста е сетилното уживање, кое ја пореметува духовната рамнотежа на личноста. Заради

уживањето човекот ја загубува внатрешната слобода и станува роб на страстите: "Јас би ја убил Афродита (божица на сексуалната љубов) затоа што ни ги упропасти множество лични и добри жени. Љубовната страст е расипаност на природата, иако несреќниците што нејзе ѝ подлегнуваат неа ја сметаат за нешто божествено".

На сетилното уживање Антистен му ги противставува **напорот** и **трудењето**. Со нив човекот зајакнува и се здобива со внатрешна независност како вистинско блаженство. Затоа Херкул за него е образец како со трудење се оди по правиот пат. Овој херој така ги победил сите неволји, т.е. страсти и пороци. Сепак, Антистен не ги отфрлал природните потреби (како што ќе предлага неговиот познат ученик Диоген), туку се ограничувал да не го смета сетилното уживање за цел на човековото живеење. Тој ги дозволувал само уживањата што нема да предизвикуваат каење во човекот, односно оние кои произлегуваат од напорот и трудењето.

Оној кој не живее случајно, онака како што ќе го фрлаат низ животот страстите и околностите, туку кој се ослободил од слепите заблуди (што владеат во толпата), ќе стане **вистински господар на себеси и на својот живот**. Тој е **мудрец**, тој "самиот себеси си е доволен", "она што го имаат другите, тоа го има и тој", за него "ништо не е туѓо или невозможно". Неговото својство е автаркија, **самостојност**, внатрешна независност, слобода на самоопределбата. За тоа е нужна независност од надворешните услови на блаженството. Мудрецот ги совладал потребите, кај него нема потреби - слично Сократ истакнувал дека е божествено да се нема потреба од ништо, а најблиску до тоа е да се имаат најмалечки потреби. Затоа Антистен велел: "На луѓето богатството и бедотијата не им се во куќите, туку во душите. Познавам многу луѓе кои и покрај големото богатство мислат дека се толку сиромашни што ќе се зафатат за секаква работа и опасност само за да здобијат повеќе. Од два брата, кои наследиле еднакви делови, едниот има достатно, вториот смета дека го нема ни потребното... Ваквите многу ги жалам заради нивната тешка болест, ми личат на луѓето кои имаат многу за јадење и многу јадат, а никогаш не можат да се наситат. Јас имам малку, јадам колку да не сум гладен и пијам за да не сум жеден... Кога ќе посакам нешто благо, не го купувам на пазарот, тука се задоволувам со она што го збогатува моето срце... Очигледно е дека оние кои живеат скромно се морално подобри од оние кои се заинтересирани за материјалното богатство. Оној кој се задоволува најмногу со она што го има најмалку го посакува туѓото".

Квалитетот на луѓето со внатрешно богатство е тоа што тие него лесно го даваат. Антистен посочувал дека нему Сократ му давал колку што можел да понесе, па и тој не им го кртел на пријателите богатството во својата душа, туку на секому од сé срце му го давал етичкото (мошне интересно е што во социјална смисла во современата епоха овој став на делење на својата страдна положба е составен дел на идеологијата на бедните, пролетерите, робовите, потиснатите..., тие би им го дале тоа што го "имаат" на сите други).

Посебно е важно што Антистен укажувал на вредноста на *невртката*. Со имањето време може достоинствено да се слуша и учи она што вреди да биде слушано и научено (што се толкува како извор на античката философија, родена од невртката на доблесните умови). Така можел по цел ден да биде со Сократ, кој не им се восхитувал на оние кои имаат најмногу пари, туку ги љубел оние кои го барале неговото друштво.

**Мудрецот** има, според Антистен, многу сознанија вредни за живеењето. На пример, "мудрецот не се занимава со политиката според законите на

државата, туку според законот на добродетелта". Антистен е голем критичар на системот (неговите ученици уште поголеми). Тој раскинува со традицијата и ги критикува сите форми на социјалното живеење. Истакнува дека философијата му донела "способност да може да комуницира со самиот себе". За политиката смета дека умниот човек ќе се однесува кон неа како кон огнот - нема да ѝ приоѓа премногу блиску за да не се изгори, а нема ни премногу да се одделува од неа, за да не измрзне.

Во политичката етика е позната неговата критика на атинската демократија - дека со гласањето ("кревање на рацете") може да се постигнат безумни и неправедливи цели. Во политиката има многу бесмислици, како што се "истакнување на неспособните во војската и неотфрлање на неранимајковците од државната управа". Опасноста е голема - "кога државата повеќе не ги разликува способните од неспособните, тогаш таа веднаш и пропаѓа" (ова е случило многу пати во историјата, а посебно истакнуваме дека од ваквото запоставување на правилноста на избирањето и на дејствувањето пропаднала и најмоќната држава на сите времиња Римското Царство, како и современите социјалистичко-комунистички држави). Антистен ја бранел силата на талентираните луѓе од народот, кои се подобри од управувачите, затоа што овие ги бркаат невините, а народот ги препознава злосторниците.

Антистен бил голем моралист. **Етиката ја поставил во центарот на размислувањето**, што потоа ќе се случи повеќе пати кај разни мислители и школи. Тој го бранел доблесното етичко однесување како достоинство на човекот и јасно посочувал дека добродетелта е резултат на силната волјата и дека мора да се научи. Човекот треба да вложи сила за морално живеење и ја има задачата да се застапува за моралноста. Со критиката на потребите, како извор на животните и морални негативности, Антистен ја инаугурирал *аскезата* во европската етика, но исто така и *критиката на цивилизацијата* како израз на многу човечки заблуди, кои луѓето може да ги одвлекуваат од етичкиот пат. Негов најголем следбеник е фанатичниот киник **Диоген**, исто така и **Жан-Жак Русо** (1712-1778) како критичар на цивилизацијата и визионер на "враќањето кон природата", а во поновата епоха **хипиците**, кои ја изразија модерната идеја за разбудување на човештината наспроти закостенетите граѓански традиции и навики. Така идеите на Антистен на различни начини се присутни и влијателни во етиката.

**Етички мисли од Антистен**

"За добродетел не е потребно ништо друго освен сократска сила на волјата."

"Подобро е да се полуди отколку да им се попушти на задоволствата."

"Мудрецот не се занимава со политиката според законите на државата, туку според законот на добродетелта."

"Кога државата повеќе не ги разликува способните од неспособните, тогаш таа веднаш и пропаѓа."

# 12. Аристип
# НАЈУБАВИ СЕ ЗАДОВОЛСТВАТА



Живеењето и моралот не се совпаѓаат секогаш и целосно. Во животот понекогаш, или често, луѓето го избегнуваат спроведувањето на моралните норми, или нивното строго следење. Луѓето ги водат исто така и страстите, и интересите, и разните лични и општествени цели. За да се надмине дискрепанцијата помеѓу моралните идеи и животот, некои етичари препорачуваат вредности кои, според нив, се поблиски до обичните ориентации на луѓето. Таков е **хедонизмот** на Аристип. Ние избегнавме во книгава да претставиме разни етички доктрини кои не се во согласност со строгиот морал, или оние учења кои се подбивале со моралот, или ставови на оние кои лоше постапувале со своите сограѓани или поданици - на Аристиповата чиста идеја на барање на уживање ѝ посветивме внимание затоа што не е далеку од обичната човечка свест и има смисла да се спроведува, но само со нужното контролирање на своето поведение.

**Аристип** е роден во 435 година пред н.е. во либискиот град Кирена. Ова е важно за неговите ставови, бидејќи градов бил богат (тогаш бреговите на северна Африка беа зелени и плодни), а неговите жители имале можности за уживања, така што етичката мисла на Аристип се толкува како влијание од неговото родно место. Бил вознесен од личноста и идеите на Сократ, па во 416 година дошол во Атина да учи кај големиот мислител. Некои го обвинувале Аристип дека е близок со софистите и дека примал пари за својата работа (што Сократ одбивал). Сепак, Аристипа го вбројуваат во сократовците, иако имал особен настап и идеи со кои не се согласувале другите Сократови приврзаници - но Сократовите идеи биле основно посветени на слободата и можеле да биде усвоени од многу разновидни философи, од Антиката до денес.

Аристип бил елегантна, префинета личност, самостоен и самосвесен. Уживал во светските задоволства, што токму Сократ ниту го правел ниту го препорачувал. На забелешките Аристип одговарал дека ништо не го попречува да постапува добро оној кој живее раскошно. Патувал низ цела Грција, слично како софистите, и се снаоѓал во комуникацијата со луѓето. Бил духовит, сочувани се бројни анегдоти од неговите средби со владетелите и со другите философи; особено се зајадувале со Платон. Кога еден тиран го запрашал зошто мислителите тропаат на портата кај богатите, а овие не одат кај философите, одговорил: “Затоа што философите знаат што им е потребно, а богатите не знаат“. Друг тиран му префрлил дека нема никаква полза од него, а Аристип дрско му рекол: “Навистина, кога од мене би имал некаква полза, ти веќе одамна би оздравел од тиранијата како од душевна болест“.

Животната идеја на Аристип, што него го вредува во Сократовите ученици, е неговото настојување да си ја **сочува слободата** и спрема средината и како личност. Тоа го искажува со една светски позната изрека. Кога му рекле дека премногу е врзан за хетерата (јавна жена) Лаида: "Јас ја имам Лаида, но таа ме нема мене; најдобро е да се владее со уживањата и да не им се подлегнува, а не себеси да си ги скусуваме". Кога некој му префрлил кога влегувал во јавна куќа, тој одговорил: "Не е опасно да се влезе, но опасно е ако не може да се излезе". Слично се однесувал и во последните денови на Сократ, кога околу осудениот мислител 30 дена се собирале неговите ученици и пријатели, а Аристип отпатувал со љубовницата на островот Лезбос (но и младиот Платон, кој бил во Атина, не присуствувал на овие средби, небаре бил болен).

Откако голем дел од животот минал во туѓина, Аристип се вратил во Кирена и основал *школа*, која ќе стане позната со пропагирањето на уживањата. Самиот тој барал **секој умен човек да навлезе во философијата и етиката**, зашто тие развиваат ум и вкус - неучените ги споредувал со оние кои ја опседнувале куќата на Одисеј за да ја освојат жена му Пенелопа, а се задоволувале со слугинките, бидејќи немале достатно дух за господарката. Аристип умрел во 355 година пред н.е.

Целиот живот Аристип ги следел навиките од својот роден крај - да троши, да ужива во големи гозби и веселби, да се облекува раскошно и да употребува мириси. Кога му префрлале дека живее раскошно, одговарал дека и боговите прават така и затоа тоа не може да биде лошо. Сепак, дури и кога се претерува во опишувањето на стремежот на Аристип кон уживањата, се укажува дека имал развиен вкус и дека водел сметка за последиците. За свој најдобар совет тој ја сметал препораката што ѝ ја дал на ќерката Арета, да се вежба да го презира она што е претерано.

Во тие рамки се движи и етичкото учење на Аристип. Тој развивал само етика, практичната мудрост за него е исто што и философијата, која овдека се занимава со вредностите, со доброто и злото, со целите и средствата кои се корисни за човекот. Учењето на Аристип е класичен *хедонизам*, доктрина за **значењето и убавината на задоволствата** за животот на човекот. Основата на човековиот ум и сознание се *чувствата*, тие се реални и дофатливи. Човекот може да тврди само дека има определено чувство за нешто, а не да каже каков е изворот на чувствувањето. Од нашата душа и карактер зависат нашите чувства. Во екстазата нештата се различни отколку при обичната состојба (затоа велел дека е најубаво душата да ни се чувствува како при тивко движење на морето, а не како во бесна бура или при застојана вода без никакво движење). Аристип укажувал дека ние не можеме да сознаеме нешто што е вон и подалеку од нашите чувства. Тоа што го чувствуваме е нешто вистинско, што може да се сознае. Другото е лажно (без оглед какво е тоа вон од нас и нашето чувствување).

За нас, значи, реалност е она што го доживуваме. А ние чувствуваме *задоволство* и *болка*. Тие чувства се предизвикани од средбата на нашите сетила со предметот на чувствувањето. Разни луѓе различно ги примаат доживелиците и нема општо мерило за ништо, туку владее субјективното чувствување, нашето доживување на задоволството и на болката. Етиката посочува дека треба да се стремиме кон оние нешта кои носат задоволства, а да ги избегнуваме оние кои прават болка. Следствено, **задоволството е единственото добро, а болката единственото зло** (ова ќе го бранат - на свој начин - многу мислители, научници и умни луѓе). Аристип својот став го докажувал со природниот стремеж на човекот кон задоволството и кон

избегнување на болката, што е видливо уште кај малечките деца. Затоа за Аристип единственото природно добро е задоволството, другите добра се востановени со конвенција (со договор, со општа согласност). Помеѓу задоволствата нема разлика, зашто задоволството е добро по себе и ниедно не е подобро од другото. Меѓу задоволствата може да има само разлика во нивната силина. Изборот на задоволството се оправдува со самото себе, па затоа тоа е основен извор на постапките на човекот (следењето на своето задоволство е оправдано дури и ако се направи нешто што не им се допаѓа на другите луѓе).

Ова е основата на хедонизмот на Аристип (од хел. *хедоне*, што значи *уживање*). Задоволството кај него е еден радосен акт, помалку сличен на евтимијата (животната радост) на Демокрит, но овој тоа сепак го поврзувал со животната умереност. За Аристип не се најважни чувствата при отсуството на болки, туку се ориентира кон вистинското, реално уживање. Тој не бара пријатност во непоматеноста, туку најважно е **целосно задоволување на сетилата**. Аристип очекува од животот реално уживање, **присутност** на задоволството. Содржината која задоволува е услов на нашата среќа.

Уживањето е сконцентрирано **во сегашниот миг**. Не станува збор за сеќавање на минатите или за очекување на идните задоволства: “Нам ни припаѓа само сегашното задоволство, не минатото или идното, зашто минатото повеќе го нема, а за второто е неизвесно дали ќе се случи“. Аристип има и особено толкување на општиот стремеж кон блаженството - дека ова е збир на единичните чувства на задоволство, во кого што се вклучени и минатите и очекуваните задоволства, но во животот се бара само поединечното, конкретно задоволства, по него човекот се стреми заради него самото. Затоа не треба да се мисли на вчерашното, што заминало, ниту на утрешното, за кое не знаеме дали ќе дојде, туку на денешното уживање, и тоа во овој сегашен миг, зашто само тој ни припаѓа нам. Животната мудрост Аристип ја оценувал како вештина на зафаќање и уживање на дадениот миг и на дофатливото задоволство.

Третото начело на хедонизмот е сетилниот карактер на уживањето. Задоволството треба да биде **телесно**, зашто тоа е сетилна состојба: “Телесните задоволства се попријатни од душевните, како што и телесните болки се потешки од душевните. Заради ова и виновниците се казнуваат со телесни казни, кои потешко се поднесуваат“. Аристип не ги негирал душевните задоволства, како производ на фантазијата или на надежта, но телесните се посилни и пореални. Кикерон тоа вака го оценил: “Небаре немаме дух, Аристип го зема предвид само телото“.

Доброто е што **поинтензивно сетилно уживање во овој миг**. Аристип малку го ублажува овој див хедонизам, истакнувајќи дека не треба да се стане роб на уживањето и дека треба да се внимава на последиците. Човекот треба да ја знае вештината на мерата, за малечкото задоволство да не предизвикува поголема болка. Согледбата на вистинската корист од задоволството му помага на човекот да не се вложува премногу во нештата кои тоа не го заслужуваат и да не стане роб на задоволствата, туку да си остане **господар на самиот себе и на ситуацијата**. Согледбата е основа на човековата слобода и спрема задоволствата и спрема чувствата што тие ги предизвикуваат. Значи, и Аристип, како и многу други етичари, па и Сократ, учи дека треба да се сочува независноста спрема светот што нé опкружува, но кај Аристип не со откажување, туку со умно одбирање и своевидно контролирање на задоволствата.

Учењето на Аристип е една од најразвиените хедонистички етики, какви што ги има во сите култури на Исток, а во Ренесансата и по неа се јавија и на Запад. Мнозина психолошки засновани етики во Новиот век го ставаа во својата

основа разликувањето помеѓу задоволството и болката, кои се изворни човечки реакции. Некои од тие учења дури и не го поддржуваа хедонизмот. И денес хедонистичките пројави се израз на неограничените богатства и на хаотичните животни ситуации, а најповеќе на подлегнувањето на алкохолизмот и на наркоманијата.

Непосреден одглас на идеите на Аристип е учењето на **Епикур**, кој ги ублажува директните насоки на уживањето и ги истакнува духовните наспроти телесните уживања, иако името "епикурејство" се користи за хедонистичките тенденции сѐ до денес. Најинтересна е судбината на учењето на Аристип во самата Кирена. По него, школата ја водела неговата ќерка Арета, а потоа нејзиниот син Аристип, кој го носел името на дедото. Негов ученик бил Теодор, а неколку генерации подоцна се јавил Хегесија, наречен "поттикнувач на смрт", кога школата е забранета и растурена. Што се случило?

**Теодор** (роден во 340 пред н.е., по смртта на Александар Македонски го избркале од градот, но потоа станал соработник на првиот крал од македонската египетска династија генералот Птоломеј) ја модифицирал теоријата за уживањата во **учење за радоста**, за животната ведрина како трајна душевна состојба. Основната разлика помеѓу задоволството и болката тој ја заменил со спротивноста помеѓу радоста и стуштеноста, намуртеноста. Највише добро е веселоста, најголемо зло тагата. Тие се израз на соодветната моралната согледба. Мудрецот си е доволен самиот на себе, нему никој не му е потребен, неговата татковина му е целата вселена и тој за ништо не треба да си ја упропастува својата положба.

Се пресвртило и пропагирањето на мигновените задоволства како нешто најубаво и најважно во животот. Сега хедонизмот водел кон *јадосувања* заради последиците и целосната неостварливост на задоволствата. **Хегесија** го отфлил конкретното телесно здоволство како цел, учел дека треба да се биде рамнодушен спрема мигновените уживања. Тој ги оцрнувал уживањата според концепцијата на Аристип и проповедал **песимизам**. Задоволство не може да се постигне, бидејќи телото е исполнето со многу патила, а душата страда заради болките. Надежите, пак, ни ги пореметува судбата, така што **среќата не е можна**. Човек може со исто право да избира да живее или да умре. Ни богатството нема влијание врз среќата, бидејќи богатите обично се понесреќни од бедните. Исто така среќата не зависи ниту од тоа дали си слободен човек или роб. Мудрецот ќе прави сѐ само заради себе. Тој ќе се труди да ги избегнува болките и страдањата, а нема да се стреми кон нешто особено добро. Ова е возможно само ако неговата цел не е да постигне задоволство. Во книгата "Самоубица со глад" Хегесија претставил личност која сака да се убие, а на убедувањата од пријателите да не го прави тоа, тој ги набројува сите несовладливи тешкотии во човековиот живот. Реакцијата на песимизмот на Хегесија била таква што неколку негови слушатели, особено млади луѓе, извршувале *самоубиство*. Него го нарекле *пеиситанатос*, "поттикнувач на смрт". Кралот Птоломеј му забранил на предава.

Аристип се обидел да покаже дека во изборот на животните цели се најважни реалните, мигновените, телесните уживања. Таа идеја е прилог кон теоријата на животната радост, но не функционира лесно како самостојно учење и врвна морална норма. Во самиот себе хедонизмот раѓа негативни одгласи заради неможноста да се реализира без самосвест и самоконтрола и заради ограниченоста на неговата позитивна вредност за целината на човековото живеење.

По далечни 22 столетија, еден мислител ќе се обиде до пароксизам да ги развие хедонистичките идеи. Тоа е **маркизот де Сад** (1740-1814), кој своите ориентации во задоволствата, посебно во сексуалните, ги образложува и брани со **пожудата**, која за него е нормална појава кај луѓето, а која, според него, секако треба да се извршува и поттикнува. Има напишано и неколку книги, кои беа забранувани, а авторот затворан, потоа одведен и во лудница, каде што почина. Во книгата "Филосoфија во спалната соба", напоредно со порнографските описи, во божемските филосoфски дијалози се оправдуваат разните форми на половите односи и промискуитетот. Посебно се инсистира на вредноста на **насилството**, како реален и најдобар начин за уживање, од што консеквентно на највисок хедонистички врв се воздигнува *повредување* на личноста која е сексуален објект, дури и нејзино *убиство*. Бидејќи претераниот хедонизам не се задоволува само со уживањето и со неговото сменување-повторување, туку со натрупувањето и (аритметичко) насобирање на задоволствата, ова води кон истакнување на двојно-тројно задоволство (убиството на трудна жена значи двојно уживање, зашто се уништени два живота, а уште може да има и силување и разни претходни мачења, и сл.). Оваа ориентација во психијатријата е наречена "**садизам**". Сличната, но спротивна перверзна особина на личноста, која се задоволува со насилство што нејзе ѝ се нанесува, се нарекува "*мазохизам*" (според постапките на унгарскиот гроф **Леополд Захер-Мазох**, 1836-1895). Така хедонизмот, кој започна како етичка теорија со пофалба на задоволствата, но и со укажување на нужноста од нивно контролирање, ги покажа своите проблематични духовни деривати и негативни етички консеквенции ако оди со незаситноста и насилството.

**Етички мисли од Аристип**

“Кога го прашале што добил од философијата, Аристип одговорил: Способност да можам лесно да се дружам со сите.“

“Кога го прашале зошто образованиот е подобар од необразованиот - Аристип рекол: Барем во театарот камен не седи на каменот."

"Кога некој рекол дека за парите што требало да ги плати за учењето на детето ќе можел да си купи роб, Аристип додал: Така ќе имаш два роба.“

“Кога некој се фалел дека може да испие многу, а да не биде пијан - Аристип дофрлил: Тоа може да го стори и мазгата.“

# 13. Платон
# ИДЕЈАТА НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕ НАД Cé



Понекогаш е полесно, а понекогаш потешко да се прикажат идеите на големите етичари. Тоа зависи од широчината и оригиналноста на нивните погледи. Нивните концепции може многу да се разликуваат од другите или да се искажани во голем број книги и низ безброј теми и примери. Сложено е, исто така, да се претставаат идеите на оние кои поимот на Доброто го поставуваат во јадрото на философирањето, па **на сенешто гледаат низ етичка диоптрија**. Тогаш е прашање што да се избере за презентирање на таквата општа и разгранета етичка идеја. Таква е тешкотијата и при објаснувањето на етиката на Платон.

**Платон** е роден во Атина во 427 година пред н.е. во едно од најпознатите аристократски семеј-ство. Се викал *Аристокле*, според дедо му, но сите го користеле прекарот Платон (во значење: *Широк* во рамињата, како што го нарекол учителот по гимнастика, или Широк во челото, или Опширен кога зборува). Бил одлично образован и рано пројавил уметничка дарба. Ја обожавал математиката, така што на своето училиште после ќе го стави известувањето: “Нека не влегува никој кој не знае геометрија!“ Откако учел кај неколку значајни мислители од разни струи, а Атина токму тогаш станувала хеленски философски центар, во својата 20-та година им се придружил на учениците и обожавателите на Сократ, кои го следеле насекаде големиот мислител и дискутирале со него за неговите иновативни философски и етички идеи.

Платон му останал верен на Сократ целиот живот, така што и денес во очите на целиот свет се *поврзани како учител и ученик*. Откако Сократ настрадал како жртва на љубомора и омраза, Платон своето дело го посветил на учителот. Првин во неколку трудови ги опишал последните настани во животот на Сократ - тоа се познатите “Одбраната на Сократ пред атинскиот суд (Апологија)“ и “Критон“. И сите други творби на Платон (во неговиот долг живот) се посветени на неговиот учител. Во едно од најпрочуените дела на светската философија “Гозба (Симпосион)“, во кое ги претставува различните идеи за љубовта, Платон објаснува зошто младите и другите биле вљубени во Сократ како личност со брилјантен дух. Во своите бројни дела Платон го користи ликот на Сократ како главен беседник, дури и кога ги изложува своите автентични погледи. Бесмртните трудови “Држава“, “Федон“, “Федар“ и други, од кои и денес учат младите како се философира, Платон ги пишува во форма на **дијалог**, а во нив основна личност и подучител е *Сократ*, исто така и во дијалозите посветени на погледите на другите мислители, како “Парменид“, “Протагора“, “Горгија“ и други, каде што Сократ дискутира со тие философи, надминувајќи ги во мудроста и идејните решенија.

Делото на Платон е огромно и според обемот, и според квалитетот, и според значењето. Пишувал маестрално. Тој е **еден од најпознатите и највлијателни мислители во светската историја**. Развил философски метод кој

ќе остане база за философското мислење до денес. Од него всушност започнува *идеализмот* како најсилна и најраширена философска концепција. Имал идеи за суредување на општеството, кои се обидел да ги предложи на разни владетели, за да се реализира неговиот сон за умна власт на мудрите луѓе-философите. Имал фантастична волја за работа и верба во образованието. Во Атина го основал **првиот вистински универзитет** (философска школа) под името *Академија*, која ја водел со успех до својата смрт во 348 година пред н.е. Школата работела девет векови, сé до 529 година, кога царот Јустинијан со декретот за нејзиното затворање го означил крајот на Антиката. Школата е основана како место каде и младите и старите ќе може да реализираат стремеж за најдлабоко сознание, со визија учителот и ученикот да бидат проткаени со педагошкиот ерос, што е прва концепција на Платоновата философија, под влијание на духовната амбиција и настапувањето на Сократ. Во Академијата учеле и работеле мнозина големи луѓе, меѓу кои 20 години и Аристотел (од 368-348 пред н.е.), за подоцна и самиот во 325 година пред н.е. да отвори универзитет Ликеј, познат како Перипатетичка школа.

Философијата на Платон е комплексна и богата, а нејзината етичка димензија исто така, бидејќи тој **проблематиката на Доброто ја поставува во центарот** на размислувањето. Тој се обиде во сложениот процес на универзалното менување, различност, минливост и забележлива непринципиелност да го пронајде она што е *основно*, секогаш стабилно, најважно, водечко, *прво*. Овој стремеж, покрај чисто философската цел да се сознае вистинската реалност, да се откријат нејзините основи и законитости, е проникнат и со етичка цел и задача - тоа **сознание треба да поттикне подобро, вистинско однесување**, треба да послужи да се воспостави подостоинствено, вистинско живеење.

Платон правел разлика меѓу идеалното и менливото, меѓу она што е постојано, совршено, и она што е минливо. Предмет на вистинското сознание е вистинската реалност. Оваа, според Платон, е светот на **идеите** - како поими, како принципи на нештата, како она што е совршено. Идеите се единствени, трајни, неделиви, идеални. Во минливиот свет нештата настануваат и нестануваат, тука владее привид, објектите се материјални, а првичното сознание е сетилното. Овој свет само делумно ја одразува суштината на идеите, тој е времен, менлив и не е најважен (за Платон, бидејќи уметноста е одраз на ваквиот свет, како делумност од нешто делумно, како сенка на нешто што самото е сенка, таа е уште понереална и помалку битна - иако самиот тој имал исклучителна уметничка дарба и сите негови творби се артистички беспрекорни). Сократ барал основи на сознанијата кои ќе бидат неменливи и општоважечки. Платон нив ги претворил во неменлива основа на постоењето, во она што на сенешто му дава форма и живот.

Идеите се сместени во посебен свет, кој е *апсолутна реалност*. Тие се **идеали**, кои на нештата им служат како образец, нештата се одраз, сенка на идеите. Идеите се *вечни*, а нештата менливи и минливи. Овие имаат реалност толку колку што ја одразуваат идејата. Некој предмет е убав само ако ја одразува идејата на Убавината, а доколку не зафаќа и не одразува ниеден нејзин дел, тој не е убав. За Платон идеите се причина за квалитетот на појавниот свет. Тие се цели на нештата. Во таа смисла, тој воспостави и систем на *надреденост на идеите*, на чиј врв се наоѓа идејата која ги опфаќа сите други идеи или кон која се стремат сите идеи и нешта.

Во Платоновото најкомплексно и најважно дело "Држава", тој **врв на реалноста е идејата на Доброто**. Сé што постои, постои за да се реализира некое

добро; идејата на Доброто е апсолутна цел, на која ѝ е подредено сé друго. Таа е крајна целесообразност на постоењето и на дејствувањето. Крајната цел на философирањето тогаш е етиката, зашто **сé треба да служи за да се реализира Доброто**.

Платон учи дека натсетилниот свет е реален, дека душата е бесмртна, а идеите се причина за секое постоење. Но, кај него идеализмот е збогатен со етичка димензија. Станува збор за подражавање на најдоброто, идеалното, кон што треба да се стреми сé (а Сократ е образец на вистински философ, кој треба секогаш да биде истакнуван како пример). Идеите се цели и обрасци, парадигми, кои инспирираат за подобро разбирање и однесување, за имање посветли цели, за создавање на поблагородна реалност, за подобро лично и социјално живеење, за унапредување на постоењето во сообразност со идеалноста и според нејзиното значење.

Во таа смисла, Платон се подбива со амбицијата на хедонистите да го истакнуваат задоволството како цел на животот. Задоволството и доброто, според Платон, не се категории од ист вид. Задоволството е исправно само ако води кон доброто; тоа, како и сé друго, треба да се посакува само за да се постигнува доброто. На пример, во политичкиот живот вистинско добро е правдината, а не моќта (и затоа ќе каже дека е подобро да се трпи неправда одошто да се постапува неправедливо). Целта е правдината да стане вистинска државна моќ. Исто така и во сите други аспекти на животот Платон го отфрла релативизирањето на доброто, кое со својата беспоговорна вредност го оправдува таквото апсолутно постоење и неговите цели и ги покажува вистинскиот животен пат и исправната насока на постапувањето.

За идеите да бидат дофатени, нужно е *вистинско сознание*. Платон дава во делото "Држава" прекрасен метафоричен опис на човечкиот дух и на вистинското сознавање (ваквите литературни описи ги интересираат мнозина философи - византиските, на пример Михаил Псел, давале објаснување дека таквите алегории морале да бидат употребувани од мислителите бидејќи "не знаеле" директно да ги опишуваат небеските и другите сложени појави). Според Платон, луѓето небаре седат во некоја пештера, во која однадвор, од височините (од вистинскиот свет) стигнуваат само далечни отсјаи од идеите. Свртени со грб кон излезот, луѓето на ѕидот пред себе гледаат само сенки. Погрешно мислат дека тоа е вистината. Треба да се свртат кон реалноста, да тргнат кон неа и да излезат од пештерата - за да гледаат право во светлината и да ја здогледаат чистата вистина.

Со сличен митолошки опис Платон ја претставува целта на етиката. Животот е небаре кола возена од човекот. Во неа се впрегнати крилати бел и црн коњ, како симболи на добрите-чистите и на валканите-лошите намери. Колата оди по тесен планински пат. Црниот коњ тегне кон големиот процеп, удолу, белиот коњ сака кочијата да се задржи на патот или да ја вивне угоре. Возарот треба со јасно сознание и со цврсто стегање на уздите да помогне кочијата-животот да се одржи во рамнотежа и на добрата насока.

Идејата на Доброто за Платон е крајна творечка сила. Во царството на идеите таа е она што во нашиот свет е Сонцето, кое ни овозможува здогледување. Окото треба да се труди да биде светло, да биде слично на Сонцето, за човекот да дојде до јаснотија на погледите. Исто така и умот треба да ни биде насочен кон здогледување на идеите и посебно на идејата на Доброто. **Идејата на Доброто е центар на сите други идеи**, таа е прв извор и крајна цел на постоењето. Творецот на светот го создал светот следејќи ги идеите, затоа кај

Платон тој е еднаков со идејата на Доброто. Со таква мисла треба да живеат и луѓето.

Во некои свои текстови Платон укажува на потребата од бегство од менливиот, неквалитетен свет и од *свртување кон идеалниот свет*. Тогаш целта на луѓето е сознавањето, умното зафаќање на вистината. Станува збор за копнеж и стремеж кон вистинската реалност, за занес по најдоброто, што е смисла на философирањето. Во другите дела, пак, Платон инсистира на *усовршувањето на овој свет* и на човечкото живеење според идеите како образец за повистинско постоење и дејствување. Овие вредности можат да се реализираат ако умот има предност пред задоволствата, ако добродетелта владее над страстите. Тогаш се постигнува единство на мера, хармонија на убавината и вистината, што илјада пати е поблиску до идеалот одошто задоволството.

Врз таа основа Платон ќе изгради упатства за добра индивидуална етика како **владеење на умот над желбите на срцето и над телесните страсти**. Човекот е претставен како комплекс од *три дела* - главата, срцето-душата и средниот и долниот дел. Задачата на главата е мислење, а нејзината добродетел е мудроста; целта на душата и срцето треба да е душевната цврстина, а добродетелта храброста; на долниот дел му е потребна здравствена силина и работливост, а добродетелите се разумноста и воздржаноста. Таква личност е добро изградена и насочена и исправно постапува во секој миг.

Државата, како основен услов за живеење на луѓето, исто така треба да се стреми кон идеалот на Доброто, односно кон *правдината*. Ова ќе се реализира ако во државата има **добар соодност на сите сталежи**, од кои едните се талентирани и оспособени за размислување и за водење на заедницата, другите за нејзина одбрана, а третите за обезбедување на материјалните добра. Педагогијата треба да овозможи развиток на човековите способности, да ги открие и избере оние личности кои имаат таленти за одредени дејности и да ги подготви за активности кои ќе бидат насочени кон општо добро. Така ќе се постигне добра заедница, во која секој ќе си го знае своето место и ќе постапува според потребните норми.

Конкретната етичка разработка на добродетелите кај Платон е богата со идеи и примери. Во секое од тие учења има повеќе етички материјал отколку во томовите книги кај другите автори. Затоа Платон е еден од најпознатите светски философи, со многу последователи, со голем број школи, кои истакнуваат или развиваат некој од неговите ставови. За етиката е најважна увереноста дека **основата и врв на светот е мислата за Доброто**. Оваа претставува основа за сето постоење и за сознавањето, а следењето на Доброто е најдобар вид на достојно човечко живеење.

#### Етички мисли од Платон

"Идејата на Доброто одвај се забележува на крајната граница на она што е достапно за нашето сознание. Но, кога таа ќе се здогледа, треба да се заклучи дека таа е причината за секоја правдина и убавина... Таа идеја треба да ја согледа секој кој сака умно да постапува во личните или во јавните прашања."

"Дајте ми (богови) да бидам убав однатре, а мојата надворешност да стои во хармонија со моите внатрешни својства: мудрецот секогаш да ми изгледа богат и да имам само толку злато колку што може да го носи со себе само мудрецот."

"При засновувањето на државата не мислевме на тоа како во неа да биде среќен еден сталеж, туку како да биде среќна целата држава."

## 14. Диоген

# ОТФРЛИ Сé ШТО НЕ Е НЕОПХОДНО!



Етиката насочува кон *идеалите*, за кои смета дека се вистински вредности. Етичарите нив им ги препорачуваат на сите како *патокази* на животниот пат. Етичарите најчесто и живеат во согласност со она што го препорачуваат. Кога станува збор за острите теории, кои говорат за воздржување од потребите, дејствувањето на тие морални водачи често е радикално. Едно од најпознатите самоограничувачки учења, во смисла на **отфрлање на сето она што не му е потребно на човекот**, го пропагираше и со збор и со дело ексцентричниот киник Диоген.

**Диоген** е роден во Синопа (малоазиски град на Црно Море) околу 400 година пред н.е. Морал да избега во Атина откако татко му го фатиле да фалсификува пари. Таму се запознал со киникот **Антистен** (444-365 пред н.е.) и посакал да биде негов ученик. Овој го одбивал, дури кренал и стап врз него, но Диоген само стоел и трпел. На сиромашниот Антистен му се допаднал силниот карактер на младиот странец, кој го надминувал со својата воздржаност и рамнодушност спрема надворешните нешта (облекување, јадење...). Го примил новиот ученик. Радикално застапувајќи ја основната идеја за откажување од потребите, дури и претерувајќи во тоа, Диоген станал **најпознат киник** - токму заради неговиот крајно беден начин на живеење, со отфрлање на сите материјални цивилизациски придобивки, името на оваа етичка тенденција е објаснувано со ироничниот термин “кучешки“ (хел. *киникос*).

Всушност, името на оваа група мислители дошла од името на вежбалиштето *Киносарг̄*, каде што се собирале. Во школата сето внимание било сконценрирано врз етиката, врз редуцирањето на потребите, достигањето на духовната целост на воздржувањето и постигнувањето **автаркија**, идеална лична самостојност. Групата ученици на Антистен, помеѓу нив особено Диоген, го прославија кинизмот и влијаеја врз создавањето на светски прочуената *стоичка* етика на воздржаноста и должноста.

Диоген бил оригинален мислител со мошне чудно поведение. Живеел во буре. Питал за храна. Од желба да си го зацврсти карактерот, лете се валкал по жешкиот песок, а зиме одел бос по снегот и ги гушкал студените скулптури. Со торбичка врз рамото и стап во рацете одел низ цела Грција. Го заробиле пирати и го продавале како роб. Посочувајќи на еден човек рекол: “Продајте ме на оној, зашто нему му треба господар!“ (или кога тој го прашал зошто би требало да го купи, му одговорил: “За да имаш господар!“) Овој човек имал дух, го откупил од пиратите, го одвел дома во Коринт, го поставил Диогена за воспитувач на своите синови и му препуштил да го води имотот. Диоген го правел тоа толку добро, што сопственикот изјавувал дека со Диоген дома му дошол добар ангел.

Подоцна бил ослободен од должностите, лежел под круша во една коринтска градина и ги учел младите, кои се насобирале околу него. Коринќаните многу ја почитувале оваа егзотична личност. Диоген умрел во 323 година пред н.е., истиот ден кога Александар Македонски умрел во Вавилон. Кога го прашале како да го закопаат, рекол дека е најдобро да го остават да го изедат дивите животни - барем некој да има фајде од неговата смрт. Коринќаните достојно го погребале Диогена на државна сметка и му поставиле паметник - куче од мермер.

За Диоген има многу *анегдоти*, а некои се однесуваат на неговиот антимакедонизам, што тој го развивал наспроти мнозина философи во таа епоха, кои масовно биле филомакедонци (ги сакале Македонците и верувале дека Македонското Царство донесува историски прогрес). Диоген препорачувал да го закопаат ничкум со лицето надолу, зашто наскоро, со македонските освојувања, светот ќе се пресвртел и тој ќе дошол да лежи на грбот. Кога Филип ги победил Грците, кралот го запрашал заробениот Диоген кој е. Овој одговорил: “Испитувач на твојата ненаситеност“. Македонскиот крал не го казнил, туку го ослободил киникот. Кога Александар, кој имал високо философско образование (учител му бил најголемиот мислител Аристотел), дошол да го види Диогена, овој седел пред бурето и се греел на сонцето. Младиот цар му понудил да побара нешто, а киникот му одговорил: “Истави ми се од сонцето!“ Некои ова го толкуваат како иронична забелешка за македонското освојување на цела Грција. Александар се восхитил од гордоста на мислителот: “Кога не би бил Александар, би сакал да бидам Диоген“. Велат дека оваа негова желба била поврзана со амбицијата да завладее со светот - ако не би успеал како универзален војсководец, тогаш би сакал да биде над се́ и сите со киничка независност. Антистен, учителот на Диоген, барал духовна слобода; кога го прашале Диогена што е најубаво кај луѓето, рекол: “Слободниот збор“.

Диоген малку пишувал, дури не ги сакал книгите, велејќи дека насликаната смоква никого не може да исхрани. Ја презирал философијата како теорија, а сите науки ги сметал за некорисни. Пишувал трагедии, но не за претставување, туку како поучни морални дијалози. Во нив карикирал разни личности и карактери, чии предрасуди ги осудувал. Во некои од нив **се радикализираат етичките вредности** - во еден од текстовите Диоген го бранел човекојадството, во друг инцестот помеѓу роднините (велел, за тоа не се грижат магарињата и кучињата, а ниту Персијанците). Животните ги нарекувал “браќа“, а нивните нагони и постапки ги истакнувал како поучни за човекот - особено ги сакал кучињата (небаре образец за таа етичка концепција). Според Диоген, **животните се над луѓето бидејќи имаат помалечки потреби**.

Диоген се послужил со учењето на софистите за разликата помеѓу конвенцијата и природата - првото го смислиле луѓето за да си ги смират или умртват животните нагони, кои се нешто природно. Киниците **ја истакнувале природноста и ја критикувале цивилизацијата**. Како што подоцна **Жан-Жак Русо** (1712-1778) ќе оцени дека човечкиот развиток не донел морален подем на човештвото, туку етичка деградација, така и киниците се опирале на притисоците врз начинот на човечкото живеење што ги донесувал тогашниот развиток (денес е сличен проблемот со технолошкиот подем и со глобализацијата). Диоген верувал дека **слободната и дрска мисла** е нужност на етичкото дејствување. Тој одел дење со запален фенер и викал дека бара вистински луѓе, а тешко е да најде такви. Идејата за духовна автаркија киниците ја реализирале со најстрог аскетизам и “живееле кучешки“. Диоген имал само наметка, торбичка, стап и чанче за вода. Кога видел некое дете како пие вода од

изворот зафаќајќи ја со рака, го скршил чанчето, проколнувајќи ја својата желба да има непотребни нешта. Исто така ја скршил и чинијата за јадење, зашто видел некој дека си ја тура кашата (што било најчесто старохеленско јадење) во корупка од лебот.

Диоген ја напаѓал цивилизацијата, а исто така и материјалниот развиток, предметите, потребите, луксузот - како изопаченост, како отклонување од природниот начин на живеење. Негов етички и животен идеал е **отфрлање на сé што не е неопходно**. Затоа станувал и против спортските и уметничките натпреварувања, како и против религијата, мистериите, толкувањето на соништата, принесувањето на жртви, верувањето во бесмртност на душата. Платон (кој бил непријател на неговиот учител Антистен) сметал дека душата по смртта на човекот се сели од едно во друго живо суштество. За ова Диоген направил дрска шега. Кога расправале за некое философско прашање, тој го удрил еден пес што се мотал околу дискутантите, викајќи “Чибу, Платоне!“, алудирајќи дека во тоа пцето се преселила душата на големиот философ. Антистен за својот ученик велел дека е како оса - не прави голема бучава, но има силно осило.

Диоген се споредувал себе си со *лекар*, но кој не се занимава со здравите, туку со болните. Тој не сакал само да ги лекува болните луѓе, опседнати со имање и со слепо трчање по уживања, туку се стремел да биде пес кој со своите апежи не ги остава луѓето спокојни (и Сократ се споредувал себеси со остен, кој ги боде луѓето да се свестат и да се раздвижат). Диоген се трудел да ги повреди чувствата на луѓето со бесрамно, непристојно однесување. Не ги почитувал општествените ни државните норми, за кои мислел дека се бесмислени. Всушност, се обидувал да биде **реформатор на моралот** и да воспостави нови норми на поведението, кои, според него, би биле подобри и би претставувале вистинско однесување. Во Антиката не било пристојно да се јаде јавно, пред луѓето, на улица. А Диоген седел и џвакал спокојно пред сите. Луѓето му дофрлале и го нарекувале пес, а тој им одговорил дека тие се пци, зашто се врткаат околу него додека јаде. Велел дека луѓето не можат да живеат со него заради стравот од тешкотиите што им ги прави: “Другите пцета ги апат своите непријатели, а јас пријателите, за да ги спасам“.

Така Диоген целиот живот водел силна борба за промена на животните цели и на однесувањето. Тоа го нарекувал “одновно ковање на парите“ (со алузија на дејноста на татко му). Станува збор за аксиолошка амбиција, која многу подоцна ќе се означи како *превреднување на сите вредности*. Тоа значело отфрлање на традиционалните идеали, вклучувало негирање и повредување на општествените и на другите норми, заборавање на придобивките на цивилизацијата и инсистирање на “природната состојба“. За Диоген било добро сé што е *природно*, а го осудувал она што го сметал за неприродно, изместено, извештачено. Аскезата ја сметал за врв на природноста. Според киниците, добродетелта бара помалку зборување, а повеќе сила на карактерот и на волјата. Добродетелта води кон ослободеност од телесните страсти и желби и како таква е услов за *блаженство*. Воздржувањето од потребите, отфрлањето на сето непотребно за Диоген е **идеал на мудрецот**, кому не му се потребни храна и облека ниту граѓански дом. Затоа тој не ја признавал судбината, со која тогаш биле објаснувани разни ситуации и животни околности. На судбината, според Диоген, треба да ѝ се противстави храброста, против она што е конвенција (закон, правила) треба да исправи природата, а на дивеењето на страста мајчето му е разумот. За философите и лекарите и другите стручњаци велел дека покажуваат како кај луѓето може да владее разумот. Не ги сакал суетните

заради богатството или потеклото; тогаш сметал дека нема ништо победно од човекот, за таквите говорел дека се срамота за човечкиот род.

Тој толку јавно и гласно го демонстрирал единството на своите идеи и дела што го сметале за “разбеснет Сократ“, кој морално грми, не застанува никогаш и не е согласен со никаков компромис. Бил попопуларен од својот скромен учител Антистен, а името две и пол илјади години му е поим за филозоф со силен карактер, кој своите концепции за стегнатоста (и фантазиите за убавината на простото живеење) ги изразувал непоколебливо и без престан.

Диоген предлагал и низа социјални и етички мерки, кои би требало да бидат усвоени за живеењето на луѓето да биде *иоириродно*. Бил против бракот и семејството, а предлагал жените и децата да бидат заеднички на сите. Ја критикувал приватната сопственост, како и ропството, и барал деловните релации да се спроведуваат со симболични пари, направени од коски. Укажувал дека луѓето не треба да им припаѓаат само на своите државички, туку државните граници ги сметал за непотребни. Истакнувал дека сите луѓе се жители на целиот свет (*космоиолиши*). Барал луѓето да се откажат од уживањата и од сите видови задоволства од материјален карактер, да ги остават сите лоши животни навики и да се стремат кон внатрешна независност (*авшаркија*, самодостатност); кој тоа не го прави го сметал за неучен, прост човек. Не само што самиот не се стеснувал од бесрамноста, туку тоа го предлагал како етичка норма, која ја прочистува душата и помага на човекот да се противстави на општествените ограничувања.

Диоген бил мајстор на **аскетскиот егзибиционизам**. Во *Индија* има цели движења кои застапуваат концепции слични на идеите на Диоген, луѓето одат без облека, ги отфрлаат желбите и социјалните норми и слично. Исламските аскети *суфисши* исто така ги афирмираат духовните височини наспроти робувањето на материјалното. Далечните потомци на киниците во новата ера, **хипиците** се побунија против конвенциите и заслепеноста на душата со материјалните предизвици. Овие “деца на цвеќето“ вистински станаа против грдите човечки цели, желби и постапки. Искажаа еден од најубавите модерни етички лозунги: “Сакајте се, не војувајте!“ (**Make love no war**). Така далечните потомци на Диоген проговорија активистички за новите морални дилеми и понудија нивна хуманистичка разрешница.

Луѓето не го следеле Диоген масовно - иако останаа убави траги за неговиот верен ученик, чесниот Кратет. На многу порти стоело напишано: “Добриот дух Кратет може да влезе во овој дом“. И хипи беше движење на екстремна радикалност, добрите луѓе ги сакаа младите занесеници, кои сепак остана изолирани во своите етички визии и влијанија. Но, оттука се зародија **екологистите**, новите љубители на природата. Така се покажува дека добрите етички настојувања никогаш не остануваат без некаков одглас, кој ќе им помогне на луѓето.

**Етички мисли од Диоген**

“Не е животот зло, туку лошиот живот е зло.“

“Најубавото кај луѓето е слободниот збор.“

“Луѓето се борат меѓусебно за едните другите да се кутнат и згазат.“

“Кога му рекле да се одмори, зашто остарел, та уште колку живот му останало, Диоген одговорил: Кога би трчал за облог, зар во близината на целта би требало да попуштам, наместо уште повеќе да запнам?!“

# 15. Аристотел
## ВАЖНИ СЕ ДИНАМИКАТА И МЕРАТА



Тешко е да се каже кој е најголемиот филозоф и етичар. Во историјата имало многу мудри луѓе и добри суштества, кои пронаоѓале вистински морални решенија, несебично твореле и за човештвото ја откривале вистината за доброто. Една личност, сепак, најчесто се споменува како филозофски првак. Тоа особено ни прави чест и нé охрабрува, бидејќи потекнува од нашите краишта. Тоа е Аристотел, автор на **првата сеопфатна научна етичка книга и создавач на зборот Етика**.

**Аристотел** е роден во 384 година пред н.е. во Стагира на полуостровот Халкидик, блиску до Солун. Тогаш Македонија станувала голема сила на Балканот, за подоцна да израсне во најголема сила во светот. Татко му Никомах бил лекар, син и внук на лекари. Бидејќи бил лекар на македонскиот крал Аминта, таткото на Филип Македонски, и Аристотел живеел во македонската престолнина Пела (Постол). Како 18-годишно момче заминал на студии на првиот вистински европски универзитет Академија во Атина кај најголемиот хеленски филозоф Платон. Таму останал 20 години, како негов најдобар студент, па асистент и предавач. Платон има кажано кога Аристотел не дошол на предавањата: “Го нема умот, слушателите се неми“. Градејќи свои погледи, кои се разликуваат од оние на неговиот учител, со една етичка изрека Аристотел укажува дека на мислителите треба да им е најважна вистината: “Мил ми е Платон, но помила ми е вистината".

Кога по смртта на Платон Академијата ја наследил еден негов малку способен роднина, а не неговиот најдобар ученик, Аристотел тргнал во Мала Азија, за таму да прави свои училишта. Во 343 година добил покана од Филип Македонски да биде учител на Александар, со писмо кое претставува *најголема почест* за еден филозоф искажана од некој владетел: “Ми се роди син. Многу сум им благодарен на боговите не затоа што ми се родил син, туку затоа што се родил тогаш кога ти живееш. Се надевам дека, одгледан и воспитан од тебе, ќе биде достоен и за нас и за власта што ќе ја наследи“. Така филозофскиот гениј **Аристотел го воспитувал Александар**, идниот најголем војсководец и цар на сите времиња, изградувајќи во него широки сознанија и почит кон науката. Царчето пораснало и во својата 18-та година го презело Македонското Царство, брзо правејќи најголема империја, која ќе ги поврзе Западот и Истокот, реализирајќи исклучителни политички цели и создавајќи нови животни и културни правила. Аристотел, како и други хеленски мислители од таа епоха, бил голем

*филомакедонец*, оној кој ги сака Македонците и верува во нив, во нивните способности, морална конституција и цивилизациски стремежи. Откако Александар Македонски тргнал на Исток, Аристотел отишол во Атина, каде што основал свој универзитет **Ликеј**, кој и до денес е образец за најсериозна научно-образовна институција. Се допишувале со Александар, му испраќал нови книги, а царот нему од новоосвоените области му испраќал материјал за проучување. Аристотел предавал *езотерички*, за стручњаците, и *егзотерички*, јавно, популарно, за љубителите на науката. Често се движеле низ паркот при дискусиите, па универзитетот до денес е познат и како Перипатетичка школа. Во Ликејот Аристотел работел сé до смртта на Александар во 323 година пред н.е., кога морал да ја напушти Атина. Набргу умрел, во 321 година пред н.е.

За 12 години работа во Ликејот Аристотел ги напиша сите свои бележити дела (пред тоа има пишувано дијалози како неговиот учител Платон, но ниеден не е сочуван). Тие книги претставуваат **најзначаен комплекс од научни и философски дела создадени од една личност**. Аристотел дава анализа на сите познати тези и факти во сите тогаш познати области на знаењето, а понуди и енциклопедиска обработка на целината на философијата, сфатена за прв пат како *сноп од дисциплини*. Неговите логички книги, под наслов "Органон" (орудие за научно иследување), и денес се најпознат светски логички корпус. Делото "Метафизика" ги објаснува основните философски погледи. Неговата "Политика", "Поетика", "Реторика" се базични светски политички, естетички и ораторски учебници. Такви се и многуте природнонаучни дела (на пример, Аристотел е основач на науките за рибите и за птиците итн.). Меѓу нив единствени се и етичките дела "Никомахова етика" и "Евдемова етика". Првото е **најзначајно дело на светската етика**, а наречено е според неговиот син Никомах (кој го носел името на дедото лекар), а второто (именувано според колегата Евдем) е порана верзија на етичките учења на Аристотел.

Во тие дела **за прв пат е употребен зборот Етика**. Него Аристотел го создал според два слични старохеленски термини, со што името на моралната философија го поврза и со нормите на постапувањето (*обичаи*), како и со личните морални својства (*карактер*) на личноста. Ова се **први научни дела во историјата на етиката**, во кои моралните прашања се испитуваат целосно, со согледба на смислата, целта, методите и резултатите на етиката. Пристапот на Аристотел е доследен, етичката мисла е едногласна со неговата општа философска позиција.

Аристотеловото философирање е *реалистичко*. Тој не поставува идеали, кои ќе ги противстави наспроти реалноста или со кои ќе ја покажува нејзината несовршеност. Тој гледа на постоењето како единство од градбениот материјал и силата на оформувањето, кои се проникнуваат за да се пројават во некоја егзистентна форма. Животот е *вечна динамика на настанувањето и оформувањето*, постојана активност, сооднос помеѓу она што постои и она што настанува. Животот тече и никогаш нема да заврши, зашто постои општ стремеж кон повисока, а потоа и кон највисока цел (која за Аристотел е Бог). Суштината на сенешто е *енергијата* - дејствувањето, реализирањето, внатрешната динамика.

Ни неговата етика не е замислена како реализирање на зададени цели и норми. **Етиката е постојано осуштествување на добродетелта**. Во моралниот живот процесот на доброто дејствување е истовремено изградба на чувството за морал и сознавање на значењето на етичката реалност. За Аристотел "целта на етиката не е теоретско знаење, туку *практично дејствување*". Етиката е поврзана со живеењето. Личноста е морално суштество ако постапува морално.

Моралот не е прашање на етичкото сознавање (не е вид на теоретско разгледување), туку резултат на доброто дело, кое сé одново треба да се извршува.

Аристотел бил и останал популарна личност, не само кај научниците, туку и кај обичните луѓе - чесните луѓе се интересуват за моралот и за доброто постапување. Еден ренесансен италијански народен расказ говори за тоа дека луѓето очекувале совети од мудрецот Аристотел, за кого знаеле дека направил најдобри етички книги. Приказната започнува со оценката дека Аристотел "бил голем философ". Кај него дошло момче и побарало мислење. Некаде видел многу стар човек како прави глупости. Ако за тоа е виновна староста, момчето кажало дека повеќе би сакал да умре млад отколку да остарее и да постапува така. Аристотел рекол: "Не можам да спречам природата да не ја ослабее во староста животната сила, а ако таа ослабее, слабее и моќта на расудувањето. Но, бидејќи си толку умен и претпазлив, ќе те научам колку што можам јас. Направи вака - во младоста прави сé арни, добри и часни нешта и секако чувај се од она што е спротивно. Тогаш, кога ќе остареш, ќе живееш чесно, благодарејќи не на природата и не на разумот, туку на убавата, пријатна и долга навика".

За Аристотел како философ на динамиката, најважна е активноста на унапредувањето на живеењето и на неговите квалитети. За него вистинската смисла на постоењето е **достигање на најдоброто**. Тој и етиката ја гради како наука за **изборот и остварувањето на најдоброто решение**.

Тоа се случува преку откривањето и спроведувањето на соодветна, **квалитетна умереност**. Добродетелта е добрата страна на некој вид однесување. Таа значи избегнување на сé она што е претерано и што е радикално во однесувањето на луѓето. За Аристотел моралот е **среден пат** во човековата доживелица на добрините и во неговата волјева насоченост во личното дејствување. Аристотеловата философија и етика се зрел израз на античкиот хеленски дух - којшто во своите најдобри решенија, со пораките на најумните философски глави, го препорачувал **моралот на умереноста**. Во животот на секој човек, како и во пошироката социјална средина, најважно е живеењето кое ги избегнува екстремностите. За многумина историчари на мислата ова чувство за вистинска мера (хел. *калос мерос*) е најубавиот дострел на хеленската етика.

Етиката на мерата е најзначајна ориентација и најпотребна форма на граѓанската етика - и во Антиката и денес. Во сé треба да се има мера. Неоформеното или лошо формираното треба да се преобрази во нешто обликувано според мерата и хармонијата, за во него да се измируваат спротивностите, да се обединуваат движењето и мирувањето, потенцијалната енергија и пројавата на силите. Аристотел имал разбирање за сложените процеси на светот, за сите форми на животот, за човековата опстојба и творештво. Од динамичното сфаќање на постоењето тој изградил философски систем, во кој етиката соодветствува на универзалноста на светот, во којшто виреат разни појави и тенденции.

Аристотел истакнува дека во животот постојат три морални состојби, од кои две се негативни, а само третата е етички доблесна. Едната морално негативна состојба е **претерувањето**, претераноста, другата негативна состојба е **недостигот**, недоволноста. Само третата состојба, онаа помеѓу овие крајности, е прифатлива и творечка. Тоа е **средната мера**, умереноста. Таа овозможува да се достигне апсолутната цел на човековото живеење - среќата, *блаженството*.

**Блаженството,** среќата (*евдајмонија*) е чувство на задоволство со животот, произлезено од исправното човеково дејствување според добродетелта. За Аристотел тоа е “начин на однесување со кое човекот станува

добар“. Тоа е стремеж на секој човек да достигне блаженство, среќа со спокојство.

Добродетелта се развива со добро избирање и добро дејствување. **Добродетелта е одбирачка наклонетост на волјата**, средина погодна за личноста, што таа ја определува со размислување, и тоа онака како што тоа би го направил разумниот човек. “Средината е став помеѓу две мани, едната е претераноста, другата недостиг.“ Но, не станува збор за осредност, за балансирање помеѓу маните, т.е. за намалување на маните - туку за *одличен избор*, кој води сметка **да се избере доброто**, додека сé друго е блиску до лошите дејства. Храброста е добродетел како средна мера помеѓу страшливоста (како недостиг) и лудата бестрашност (како претераност). Благородноста е средина помеѓу тесноградоста и вообразеноста... Значи, пофалба или префрлање можат да се упатат некому само за неговото *морално самонасочување*, кое е добро ако го следи разумот. Морал е интелигентна оценка за тоа што е добро. Умот го пронаоѓа доброто, самоконтролата е неопходна за тоа да се применува. Добродетелта Аристотел ја дефинира како средина помеѓу крајностите, но за неа вели дека таа е "она што е најдобро и затоа е нешто врвно".

За да ги претстави, а и за да ги популаризира **етичките добродетели**, Аристотел го покажува начинот на нивното избирање и изградба помеѓу две недоволно добри постапки. Тоа се: споменатата *храброст* (помеѓу страшливост и луда бестрашност), *умереност* (нечувствителност - раскалашност), *гордост* (понизност - горделивост, суета), *чесност* (немање образ - славољубивост), *благост* (мекост, слабост - гнев, срдитост), *пријателство* (немање пријатели - врска со претерано многу пријатели), *угодување* (мрзоволност - додворување), *справедливост* (самопотценување - самофалење), *дарување* (скржавост - расипништво), *благородност* (тесноградост - наперченост), *добро однесување* (укрутеност - неприсобраност), *срамежливост* (стегање - бесрамност), *праведност* (трпење неправедност - правење неправедност). Овие добродетели произлегуваат од изборот кој води сметка за двете претерани страни на тој тип однесување и ја избира најдобрата, средината.

Вториот вид добродетели се **дијаноетичките добродетели**, кои, според Аристотел, се однесуваат на пронаоѓањето на вистината, на сознанието. Иако се дел од душата, тие не се вистински морални добродетели, бидејќи го изразуваат **разумот**, умствените таленти на личноста, и не зависат сосема од изборот на личноста, иако се изградуваат со учењето и со искуството. Аристотел ги смета за добродетели, бидејќи тие се квалитети на човекот како разумна личност и говорат за тоа како тој дејствува-работи.

Едните од ваквите добродетели се однесуваат на **сознанието** - тоа се *знаењето* и *мудроста*, со првото се сознаваат високи принципи и законитости, а втората претставува врв на сите човечки сознавања, тоа е усовршен ум, ги содржи претпоставките за сите други знаења.

Вториот вид вакви добродетели се **вештината** и **паметта**, првата се однесува на нештата што човекот треба да ги создаде, втората помага човекот добро да работи, за што е потребна и практика. Кон паметта припаѓаат дијаноетичките добродетели: *разумност* (имање правилно мислење за нешто), *досетливост* (измислување добри средства за некое дело), *проникливост* (донесување правилен суд за нешто), *снаодливост* (наоѓање пат по кој треба нешто да се направи). Круна на овој вид добродетели е **умувањето**, како човеково интелектуално својство да се добере до решение за проблемите и да ги разбира сите прашања.

Во “Евдемовата етика“ Аристотел истакнува и еден совршен етички дострел - **калокагатија**. Таа кај Хелените означувала *единство меѓу доброто и убавото*, заемно етичко и естетско разбирање, чувствување и дејствување. Тоа совршенство на добродетелите е својство на човекот кој нив свесно, слободно, органски ги реализира и кој го прави доброто и убавото заедно заради нив самите.

Аристотел бил смирен и елегантен човек, имал големи дарби, бил посветен на сознавањето и подучувањето. Неговото дело претставува најголем и највлијателен философски систем кој го создал некој човек. Школата Ликеј била човек-универзитет. Аристотел бил најзначаен антички научник, кој развил нови методи и откривал многу нови знаења за природата и за човекот. Неговите етички дела се блескав израз на неговите длабоки сознанија и стабилни морални визии. До денес делата на Аристотел се врв на етиката, **најзначајни творби на етичкиот ум** на човекот.

Аристотел влијаел врз безбројни умови и духовни и научни тенденции. Со столетија го нарекувале **Великиот Учител**. Некои догматски ги истакнувале неговите идеи, некои други тој ги инспирирал за критика на реалноста. Неговите дела се незаобиколив придонес за сознавање на динамиката на светот и на суштината на логиката и на етиката. Правеше целосни прегледи на дотогаш сознаеното во светот и даваше синтеза на откриеното. Испитал 158 устави на античките градови (сочуван е неговиот "Устав на Атина") и, врз таквите детални научни основи, е создадена првата светска научна книга за владеењето со државата, прочуената "Политика", во кое видовите на власта се вкрстени со нивните морални квалитети.

Неговиот асистент, прв соработник и наследник во универзитетот **Теофраст** (370-286 пред н.е.) напиша во духот на научните испитувања во Ликејот книга "Карактери", во кое детално се опишани разни видови на човечкото однесување. Тоа дело во Новиот век со ист наслов го парафразираше **Жан Лабриер** (1645-1696) со една од најпопуларните француски книги на сите времиња. Делата на Аристотел детално ги испитуваа и продолжуваа *арапските* и *византиските* мислители, а најзначајниот еврејски философ **Мајмонид** (1135-1204) и свети **Тома Аквински** (1225-1274), чие учење е прогласено за официјална доктрина на Католичката црква, во своите творби ги повторија Аристотеловиот метод и етички сознанија. Уште многу мислители и научници биле аристотелијанци.

Аристотеловите философски и етички дела, во целата историја на Европа, па и денес, се застапени во образованието и во науката. Кај нас Аристотеловата “Поетика“ ја има преведено академикот Михаил Петрушевски, кој оригинално ги има објаснето некои од создадените празнини во античкиот ракопис. Академикот Витомир Митевски има направено избор и превод од философските дела на Аристотел, помеѓу нив и од “Никомаховата етика“, а потоа целата “Никомахова етика“ ја има преведено професорката Елена Колева. Тоа може да биде импулс за истражување на идеите на овој најголем мислител, по потекло од Македонија, блиско поврзан со македонската историја. Неговите концепции треба пошироко да бидат присутни во нашата наука и етика, тие може да помогнат за решавање на проблемите кои бараат реалистички, аналитички, логички и динамички пристап.

Впрочем, само разумот на човекот може правилно да проценува што треба да се прави и да се дојде до она постапување кое ќе биде најмногу човечко. Тоа е **најдобрата етика на граѓанството**. Животот во градската заедница и сложените одговорности бараат да се живее според *вистинската мера*. Идејата

на Аристотел за мерата, за средниот пат (изборот на најдоброто) како врвна добродетел - вечно останува да подучува како човекот може да си ги најде својот морал и својата среќа непосредно од самиот себе, од својот ум и од своето разумно однесување.

**Етички фрагменти од Аристотел**

"Можно е да се греши на многу начини - а само на еден начин може да се прави она што е правилно. Затоа тоа е лесно, а ова е тешко. Лесно е да не се погоди целта, а тешко е да се погоди. Поради тоа, својства на злото се претераноста и недостигот, а својство на добродетелта е средината. Всушност, добар може да се биде само на еден начин, а лош може да се биде на многу начини."

"Средината е она што подеднакво е оддалечено од претераноста и од недостигот, од едната или од другата крајност... Средината е она што не е ниту премногу ниту премалку... Да се имаат чувства кога треба и кон кого треба, тоа е средина и тоа е најдобро."

"Човечкото добро се состои во дејноста на душата според добродетелта, а ако има повеќе добродетели - тогаш според онаа која е најарна и најсовршена. Треба да се додаде дека таквото дејствување треба да трае целиот живот - зашто, како што една ластовичка уште не значи пролет, така ни ваквото дејствување од еден ден или во кусо време уште никого не го прави блажен и среќен."

# 16. Теофраст
# ПОСТОЈАТ СЕКАКВИ ЧОВЕЧКИ КАРАКТЕРИ



Етиката не е само проспективна наука, која насочува кон дејствување. Таа може да биде и важна индуктивна наука, која детално *опишува* што точно се случува на полето на моралот. А тука се највозбудливи реалните постапки на луѓето. Луѓето се носители на дејствата, реализатори на моралот. Затоа за етиката е мошне важно **да се испитува она што се случува во моралот**, особено намерите и својствата на луѓето. Многу антички мислители зборувале за однесувањето на луѓето, а мнозина и се лутеле што луѓето не постапуваат добро. Но, таквите нешта прв научно, емпириски и доследно ги истражил мислителот кој го наследил најголемиот етичар Аристотел. Неговото етичко дело е во духот на Аристотеловата философија, која зборува за фактите во реалноста. Тој етичар го нарекле Теофраст.

**Теофраст** е роден во 370 година пред н.е. на островот Лезбос. Го викале *Тиртам*. Дошол да студира во Атина кај Платон во Академијата, каде што Аристотел веќе ги завршил студиите и станал соработник. Воспоставил блиско пријателство со Аристотел. По смртта на Платон во 347 година, помладиот другар го придружувал постариот во неговите нови школи во Мала Азија, а потем во работата кај македонскиот крал. Му бил и најблизок соработник во универзитетот Ликеј што го основал Аристотел. Тогаш го добил името како што сега го викаме. Првин Аристотел го нарекол *Евфраст*, што значи "оној кој добро зборува", а потоа граматичарот Аристофан дефинитивно го нарекол Теофраст, "оној кој зборува божествено".

Овој човек се одликувал со фантастични работни капацитети и навики, бил посветен на науката и не се женел, па бил совршен соработник во Универзитетот, каде сакале да ги испитаат сите нешта и да ги обработат сите сознанија на светот. Во 323 година, една година пред да почине, од Атина го избркале Аристотела откако умрел неговиот воспитаник Александар Македонски. Великиот учител му го предал на Теофраст раководењето со Ликеј. Одлично ја водел школата. Сите ја истакнувале неговата **добра волја секогаш да прави добри дела** и да разговара со секого кој ќе му се обрати. Имал 2 илјади ученици. Теофраст бил преку три децении на челото на Ликеј, до смртта во 286 година пред н.е.

Теофраст напишал помеѓу 200 и 400 дела од најразлични области. Со колегата Евдем го редактирале и дополниле исклучителниот логички труд на

Аристотел “Органон“ (хел. *орудие*). Теофраст ги систематизирал сознанијата за разни природни појави (метеорологија, минерологија, медицина и др.), а особено е познат со истражувањата на растенијата. Тој опишал нивни 550 видови, го сметаат за основач на ботаниката. Од сите дела на Теофраст се сочувани само две големи ботанички книги и едно малечко етичко дело, кое насекаде е препишувано, па останало до денес.

Во етиката Теофраст **ги следи идеите на Аристотел**. И тој за добродетелта вели дека е средина помеѓу две претераности, кои се мани. Исто така Теофраст сметал дека среќата (блаженството) е цел на луѓето, но не мислел дека тоа се постигнува само со правилни внатрешни состојби, туку согледувал дека за тоа на луѓето им служат и надворешни средства, па и добра физичка кондиција. Надворешните блага, според Теофраст, сепак се вредни само ако се поврзани со добродетелта. За некои афекти, како гневот, многу реалистички сметал дека се нешто природно и неизбежно - на пример, срдењето заради она што не чини. Но, барал луѓето да не изречуваат и спроведуваат казни кога се гневни, зашто тогаш не раководат добро со своите емоции. Исто како и Аристотел, и Теофраст на *пријателството* му припишувал највисока човечка и етичка вредност, па во своето дело за пријателството нив ги следи Кикерон.

Особено е интересно што Теофраст учел дека **сите живи суштества се сродни**. Како и Емпедокле, отфрлал жртвување на животните и препорачувал како жртва да се принесуваат плодови. Заради таквите погледи, Порфириј го цитира во своето дело “За воздржувањето од анимална храна“.

Теофраст бил скромен. Пред да умре во длабока старост, учениците го прашале за последната порака. Тој одговорил: “Немам што да ви порачам, но можам да ви кажам дека многу од животните задоволства се привидни. Токму кога почнуваме да живееме, ние умираме. Поради тоа, ништо не е помалу корисно од славољубивоста. Ви посакувам да бидете среќни, а ви кажувам: или оставете го нашето учење - зашто напорот е многу голем, или сфатете го сериозно и ќе се здобиете со големо име. Животот дава повеќе разочарувања отколку полза. А бидејќи јас не можам да расправам повеќе за она што би требало да работиме, вие погрижете се за тоа што треба да го правите“.

Ова се сé фрагменти од богатата етичка тематика на Теофраст. Тој напишал 30 етички книги. Од нив е останато само едно по обем малечко дело, кое го прослави авторот - книшката “**Етички карактери**“. Делото е напишано во духот на Аристотеловиот Ликеј, со цел да се опишат, анализираат и претстават сите појави од реалноста, кои се важни за согледба на некој проблем. Аристотел присобрал и изучил 158 законски акти (устави) на сите хеленски државички, што послужило како основа и граѓа за неговото грандиозно дело “Политика“, а во тој дух се и Аристотеловите спомнувања на некои карактерни црти кај луѓето во етичките предавања, кои се објавени како први научни етички дела “Никомахова етика“ и “Евдемова етика“. Теофраст го следел овој метод и ја проширил задачата. Тој **прикажал 30 видови луѓе со нивните најсуштествени црти и постапки**. Личностите се претставени онакви какви што се. Научните постапки набљудување, набројување, присобирање, опишување, анализирање итн. се користени во Ликеј за различни природни предмети и појави - камења, риби, растенија, животни... Нив ги применил Теофраст и врз карактерите на луѓето, како опис и претставување на човечката природа и на односите меѓу луѓето.

Поимот “карактер“ (хел. *харасо* - врежувам; *характер* - длето; врежано) го означува она што е потрајно, специфично кај личноста како нејзино својство и начин на однесување. Во психолошка смисла, тој поим означува каква е

волјата на една личност во нејзината насоченост и издржливост, односно при следењето на некои принципи. Значи, карактерот зборува за правилноста во однесувањето на некој човек. Во етичка смисла, **карактерот е моралната страна на една личност**, нејзините потрајни морални својства. Според словенскиот извор, ова се нарекува *нарав*, што значи “природа“ на некого, табиет, својствен начин на однесување, негово особено емоционално реагирање и морално дејствување. Според карактерот (карактеристиките) секоја личност се разликува од другата. Ова е важно за етиката, зашто ако се знаат моралните својства, насоки и дела на личноста, нејзините етички начела, според нив од неа може да се очекуваат стандардни позитивни или негативни морални постапки.

Теофраст направил опис на 30 карактери. Во книгата “Карактери“ тој ги претставил својствата и начинот на постапување на разни видови личности: Лицемер, Полтрон, Дрдорко, Простак, Додворувач, Сплеткар, Безочен, Стиснат, Арогантен, Нетактичен, Суеверен, Песимист, Здодевен, Суетен, Скржавец, Страшливец, Злобник, Завидливец, Користољубив итн. Ова се наслови на одделите. Секој се однесува на една човечка карактеристика, и тоа пред сé лоша. Теофраст ги претставил само негативните личности (или до денес се сочувани таквите презентации). Тоа не пречи ништо - како што се вели, добрите луѓе или добрите постапки се слични, а лошите се разликуваат, тие презентации сведочат за богатството на негативните појави кај луѓето.

За секој од карактерите Теофраст најнапред дава дефиниција, со која накусо е опишана таа мана. Потоа следуваат описи на тие мани кај разни личности (без наведување на име, но најверојатно во тогашниот сепак малечок град Атина опишаните можеле да бидат препознаени). Секоја од маните се појавува во зависност од личноста која ја има, па така за секој карактер се приведуваат десеттина карактеристични дејства. Теофраст е остроумен набљудувач, кој со страст на систематизатор на моралните негативности ги има пластично опишано луѓето кои ги среќавал, а кои во своите постапки ја следеле својата душа, не водејќи сметка за другите, повредувајќи ги со своите дела и блиските и далечните.

“Етичките карактери“ на Теофраст сепак е тажна книга. Таа е комедија на наравите, критички и ироничен опис на човечките намери и долни дела. Покрај насмевка, сериозноста на делото и деталноста на дескрипцијата измамуваат и болка во срцето заради толку различни и раширени негативности во човечкото однесување. Самиот Теофраст не ги дотерувал своите записи стилистички, како што тоа ќе го прават античките и подоцнежните комедиографи за овој вид човечки својства, но и неговите зборови се поучни и нужни. Веројатно се претпоставувало дека оваа книга нема да ја чита некој кој бара лошо својство за да го спроведува, туку оние кои сакаат да ги запознаат своите зли сограѓани и да видат и да се потсетат како овие, а и тие самите, ги реализираат своите лоши својства и бедни намери. Најтажно е што речиси сите претставени покажуваат безобзирност спрема другите, чувајќи ја својата непрониклива дебела кожа на цврст негативец.

Еве некои од дефинициите на Теофраст за овие мани: “Лицемерот е оној кој се престорува, како израз на склоноста да се сокриваат и преиначуваат зборовите и делата“; “Арогантниот е непристоен и подбивен шегобиец“; “Бахатоста е презирање на сите други освен себеси“ итн.

Описите се драматично интересни. Дури и познавачите на нечовечните појави има тука што да научат. Впрочем, не се разликуваат карактерите денес и оние од пред 2.300 години, и тогаш имало автентични придонеси кон неморалот. Еве неколку Теофрастови опишувања на овие грди карактери:

“Користољубивоста е страст да се дојде до материјална корист без оглед на честа и достоинството... Кога користољубивиот тргува со вино, тој и на пријателите им го продава разретчено со вода. На театар влегува кога пуштаат без пари, па и децата си ги води со себе. Ако го пратат во мисија, дома ги чува парите што му ги дала државата, а позајмува од колегите...“

“Суетноста е ситничав стремеж за истакнување, недостоен за слободниот човек... Ако суетниот го поканат на гозба, тој сака да седне до домаќинот... Ако учествувал во свеченост на коњицата, тој стварите ги испраќа дома, а тој шета низ целиот град со наметката и мамузите на нозете... Ако му умре кучето, му прави паметник и става плоча со горделив текст...“

“Бесрамноста е понижување на својата чесност (на својот добар глас) за да се заработи нешто на срамен начин... Бесрамникот може да му пријде на човекот кого што го измамил и повторно да бара заем од него... Ако принел жртва на боговите, тогаш своето месо го испраќа дома да се посоли, а тој јаде кај другите, па дури од таа трпеза им дава јадење и на своите робови, гласно посакувајќи: Пријатно... Оди во туѓите куќи и денес позајмува јачмен, утре слама, терајќи ги домаќините самите тоа да му го однесат дома...“

Така од еден до друг карактер, Теофраст опишал 30 форми на негативности кај луѓето. Неговата книшка “Етички карактери“ е фантастична, таа е израз на јасната етичка свест на авторот, кој се напрегнал на луѓето да им ги прикаже злите сограѓани. Тоа е потсетување во каков свет живееме, но и силен предизвик да се разбереме себеси и своето опкружување - ако сме такви да се обидеме да се поправиме, да не им додеваме на луѓето, за да не им преседнува од нас. Ако не сме такви (а мнозинството за себе мислиме најдобро, па најверојатно нема - или не сакаме - лесно да се препознаеме во овие карактерни описи), тогаш да се подготвиме за тоа дека околу нас врие од вакви некарактерни личности и да знаеме да се справуваме со нив.

Откако е напишана оваа книга, во сите наредни времиња неа ја фалеле сериозните луѓе, ја истакнувале како врвно дело на човечкиот дух и како првокласен етички труд. Мнозина автори ги повториле истражувањата на Теофраст, меѓу нив и прочуениот **Жан де Лабриер** (1645-1696), кој во една понова епоха, во пообемно дело, покажа дека *луѓето не се смениле* - и натаму остануваат истите карактери. Тој ги објави Теофрастовите "Карактери" со коментар (1688), но додаде уште пообемни записи за луѓето од својата епоха. Со своето дело "Карактери или морални појави на нашето време" Лабриер остави паметник за човечките цели, својства, стремежи и постапки, кои не се карактеристични само за неговата епоха, туку за сите времиња. Неговите духовити описи се полни со животност, неговата книга е едно од најпопуларните класични француски дела, така што и денес се чита, а неговите записи и анализи се споредуваат со сегашните (или со секогаш истите) човечки пројави:

"Гнатон живее само за себе, небаре другите тука постојат за него. Тој не се задоволува со тоа да седи на чело на масата, тој ги зазема и другите две места; заборава дека ручекот е и за него и за целото друштво, ја преполнува чинијата со јадење, си става при секое сервирање. Не завршува со едно јадење пред да ги проба сите други. На масата јаде само со рацете, го фаќа месото и го врти од сите страни, го кине како што ќе му текне, така што другите, ако сакаат да земат, треба да се хранат со она што тој го оставил. Тој не престанува со ниедна гадост, што му го убива апетитот и на најгладниот; сокот од месото и сосовите му течат од устата и низ брадата, насекаде остава траги. Јаде шумно, а истовремено гледа на сите страни; за него масата е нешто како коњски јасли, само ќе си ги исчисти забите и пак продолжува да јаде... Добро се обезбедува;

насекаде се чувствува и однесува како дома. Во кочијата за него се згодни само задните места... Ако патува со некој друг, тој прв се вселува во хотелот, секогаш си ја бара и успева да си ја земе за него најдобрата соба, најудобниот кревет. Тој сé става под свое владеење, и неговите и туѓите слуги трчат само околу него. Тоалетите, колата, сé што ќе му дојде до рацете, станува негова сопственост. Сите се стеснуваат пред него, а нему не му е гајле за никого, тој никого не го жали; за него постојат само неговата болест, неговиот крвен притисок, неговата жолчка, тој не ја оплакува смртта на другите луѓе, тој е исплашен само тој да не умре, својата смрт би ја избегнал дури и по цена да биде уништен целиот човечки род."

Така Лабриер го повтори истражувањето со ист квалитет како оригиналното од Теофраст, а и со исто значење за општочовечката етика. Меѓутоа, тој не ги опишува изделено карактерите, туку дава описи на пошироки теми: За личните вредности; За жените, За срцето; За друштвото и однесувањето; За градот; За дворот: За големците; За владетелот: За човекот; За модата; За обичаите итн. - за разни теми, со галска духовитост и често цинична објективност.

Дали тоа значи дека ништо не се менува, или дека својствата на луѓето се потрајна супстанција? Денес се пишуваат повесели книги за ваквите тажни проблеми, како ремек делото “Добриот војник Швејк“ од чешкиот писател **Јарослав Хашек** (1883-1923). Или се прават филмови. Се менуваат методите, материјата останува иста.

**Етички мисли од Теофраст**

“Од нашите трошоци, времето е најскапо.“

“Љубовта е болест на безработната душа.“

“Ако си незналица, постапуваш умно што не зборуваш; а ако си образован, тогаш твоето неговорење е глупа постапка.“

# 17. Зенон

## ЕТИЧКОТО Е НАЈНАПРЕД



Етиката е составен дел на философијата, што најдобро се гледа во *философскиӣе сисӣеми*, кога сите прашања се промислуваат од една позиција. Кај некои мислители етиката испакнува во прв план, а некои ја сметаат за најважен дел на философското мислење, па и целиот систем го градат со цел да послужи за разбирање на етичките димензии на човекувањето. Првите систематски мислители кои **етиката ја сметале за нешто најважно** и во мислењето се́ и́ подредувале на етиката се *сӣоициӣе*. Зачетникот на таа прочуена школа е Зенон.

*Зенон* се викале двајца големи антички философи. Еден **Зенон** (490-430 пред н.е.) е ученикот на **Парменид** (515-450 пред н.е.), кој спротивните ставови ги докажувал како апсурдни, за од тоа да се заклучи дека се вистинити позициите на неговата, јужноиталска Елејска школа, која е мошне значајна за усовршување на метафизичкото мислење. Другиот е **Зенон** од *киӣарскиоӣ* град Китион, роден во 363 пред н.е. Во 320 година бродот со кој патувал да тргува потонал блиску до луката Пиреја и тој осиромашен стасал во Атина. На брегот видел човек кој чита. Седнал до него и самиот почнал да чита. Воодушевен од тоа философско дело, го запрашал каде има луѓе кои така зборуваат, а тој му покажал на еден философ-киник. Зенон му се придружил. Нашол *уӣеха во философијаӣа* и рекол: “Сепак пловидбата среќно заврши иако настрадав на морето“. Сметал дека судбината му била наклонета кога се сретнал со философијата. Киниците го учеле дека човекот треба да ја сочува внатрешната слобода пред се́ со независноста од надворешниот свет, кој треба да се презира. Зенон верувал дека луѓето имаат и социјални чувства и сакал да помогне во изградбата на пошироко разбрана, вистинска човечка етика.

Во 301 година Зенон основал своја **школа**, која дејствувала во тремот на една градба во центарот на Атина, која се викала *Сӣоа ӣоикиле* (исликан трем), таму биле насликани фрески за херојските подвизи. Заради локацијата на школата, а според тоа што ги истакнувале издржливоста и храброста пред предизвиците и напорите, учителот и следбениците биле наречени **стоици**. Тоа име е влезено во светската култура - името *сӣоик* го означува оној кој е постојан, трпелив, воздржан, кој пред се́ ја истакнува должноста и издржува пред обврските, колкави годе да се тие. Зенон предано учел за добрината и се придржувал кон неа, така што граѓаните му кренале паметник. Кога имал 99 години, во 264 пред н.е. сам си го прекратил животот, во согласност со стоичката

идеја дека животот повеќе нема вредност ако човекот не може да се надева на ништо за себе ниту може да им обезбеди среќа на другите.

Зенон сметал дека философијата треба да го научи човекот на **добродетел**, која ќе му даде утеха и смирување. Тој бил мошне сериозен, скромен и достоинствен, живеел едноставно и се здобил со голем углед. Македонскиот крал Антигон Гоната ја љубел науката и често ги слушал предавањата на Зенон, па му со обратил со писмо: "Чинам дека мојот живот го надвисува твојот со надворешна среќа и слава, но заостанува зад твојот во знаењето и во совршеното блаженство, што ги имаш ти. Затоа решив да те повикам да се преселиш кај мене. Стани мој другар, со јасно сознание дека ќе бидеш не само мој учител, туку учител и на сите Македонци. Кој го образува владетелот на Македонија и го води по патот на добродетелта, тој несомнено и на неговите поданици им го покажува патот на човештината. Од тоа каков е владетелот во најголема мера зависи какви ќе бидат неговите поданици". Зенон одговорил дека ја цени љубовта на кралот спрема мудроста и добродетелта, но дека е многу стар, па затоа во Македонија испратил двајца ученици *Персеј* и *Филонид*, кои биле воспитувачи на принцот и политички советници на кралот.

Стоицизмот е **една од најзначајните философски и етички струи во историјата**. Таа настанала како спој од неколку научни, етички и религиски тенденции, а нејзините творци и претставници се бележити мислители. Стоицизмот дал исклучителен придонес на полето на логиката, етиката, воспитувањето и политиката. Школата активно траела 500 години, а нејзините влијанија се присутни во сите епохи од тогаш до денес. Наследник на Зенон во школата бил **Клеант**, сиромашен, силен и цврст, кој ноќе работел за да може дење да ги слуша предавањата. Третиот највлијателен управител на школата бил **Хризип** (281-219 пред н.е.), силен логичар. Се кажувало: Кога боговите би имале дијалектика, таа би можела да биде само онаа на Хризип. Тој напишал 705 трудови, од кои 300 логички. По претставниците на т.н. Стара Стоа, следуваат оние од Средната Стоа, во која се најпознати **Панетиј** (185-95 пред н.е.) од Родос, кој дејствувал во Рим и во Атина, и **Посидониј** (средина на I век пред н.е.), кој имал прочуена школа на островот Родос, во која студирал и Кикерон. Во третиот период се познати етичарите **Сенека**, **Епиктет** и царот **Марко Аврелиј**.

Стоиците философијата ја делеле на три дела: Физика, Логика и Етика. **Физиката** е наука за космосот, за човекот како суштество и за боговите. Основата на сé е творечкиот *оган*, кој како здив го проникнува светот, ги раѓа нештата, ги оживува и раздвижува. Таа сила тие исто така ја нарекувале божество, ум и судбина. Во сето настанување и нестанување владее **строга законитост**, неодминлива нужност, која е *судбина* (фатум). Стоиците учеле дека душата го движи телото и не пропаѓа дефинитивно со смртта, што потсетува на индиските учења, како и многу други нешта во оваа мисла. Нивната **Логика** била толку напредна и интересна, што денес се смета дека е едно од најзначајните оригинални светски учења во оваа најтешка философска дисциплина.

Според стоиците, **Етиката го проучува човечкиот живот**. Философијата ја определувале како "вежбање на корисна мудрост", а етиката ја сметале за **главен дел и задача на философијата**. Философијата ја опишувале како градина во која логиката е ограда, дрвото физика, а плодот етика, или како организам, во кој логиката се коските и жилите, месото физика, а душата етика. (Ваква првенствена позиција на етиката во мислењето, т.е. во философијата, денес ја истакнува *Емануел Левинас*.) Етиката кај стоиците е крајна цел на размислувањето, кое ќе му укаже на човекот како да живее достојно и

сообразно на човечката природа (логиката и физиката помагаат подобро да се изгради етииката).

Зенон учел дека целта е да се живее **сообразно со разумот** - што значи човекот да има постојани начела и никогаш да не дојде во судир со нив, да не се негира самиот себе и да не се двоуми во мислите и ставовите. Така човекот се здобива со внатрешна слобода и среќа. Клеант објаснил дека ова значи живот **во сообразност со природата**, а Хризип дополнил дека тоа треба да биде живот **врз основа на искуственото познавање на природните случувања** (и на оние во сета природа и на оние во човекот).

Живеењето според добродетелта значи живеење во сообразност со природата. **Добродетелта е најдобра состојба** кај секое суштество и претставува усовршување на неговата природа. Кај човекот тоа значи *полн развиток на разумот*. Човекот има природна дарба за разумско мислење, но не секој ја постигнува оваа добродетел. Луѓето се лоши додека не се усовршат. Природата му дава на човекот само семка и искра за добродетелта, но тој мора да си постави **цел во себе да изгради добрина**, а тоа не е лесно, бидејќи има разни спротивни влијанија. Човекот може со учење да стане морална личност. Добродетелта е вештина и може да се научи (овој став, сличен на Сократовиот, стоиците го докажувале со тоа што лошите луѓе може да се поправат - ова е основата за современиот етички *мелиоризам*). Добродетелта е систем од начела кои треба да се увежбаат.

Добродетелта е доволна за достигање на *блаженство*. Човекот ја одбира добродетелта заради неа самата, а не заради страв од нешто или заради некои планови и надежи (некој надворешен мотив). Среќата е поврзана со добродетелта како состојба на духот чија цел е живеењето да го направи суредено. Кога некое разумно суштество е заведено и не постапува добро, тоа е заради надворешни цели или под влијание на други луѓе. Ако ја слушаме природата, таа дава правилни ставови и потпирни точки за природно совршенство на едно разумно суштество.

Основните добродетели според стоиците се: Мудрост, Разумност-Умереност, Храброст и Справедливост (овие биле општо истакнувани како главни добродетели во Антиката). Кон овие добродетели, значајни се, исто така Великодушноста, Воздржаноста, Издржливоста, Концентрацијата на духот-Самоконтролата, Давањето добар совет.

Основните пороци се: лудување, страшливост, несправедливост, неразумност, а исто така и: неумерност, правење глупости и давање лоши совети. Овие се форми на непознавање на суштината на добродетелта.

За постигање на добродетелта и на блаженството пречат афектите, прекумерните страсти, нагоните и возбудувањата во човекот, кои се противставуваат на умот. Такви се стравовите, јанѕите, насладата, пожудата. Тие се или пореметувања или болести, а секако се погрешно мислење и заблуда. Тука спаѓаат и: завист, љубомора, тагување, жалост, збунетост, одложување, паника, омраза, славољубивост, гнев, лутење, бес, наслада, занес. За Зенон, страста е неразумно и неприродно движење на душата.

Со силна волја може да се постигне **апатија**, состојба на немање силни (негативни) страсти. Ова е исклучително важна вредност - подоцна ќе се истакнува како стоичка *животна цел*. Но, има и добри емоционални состојби за човекот: веселост на духот како животна радост, внимателност и добронамерност, почитување, добри желби, наклонетост, љубезност, срдечност, срамежливост, скромност, духовна раздвиженост.

Најдоброто (единственото добро) е она што морално е добро. Тоа е спротивно од злото и нема мешање помеѓу нив. Доброто му носи корист на човекот, злото му прави штета. Стоиците вовеле цела низа важни етички определби-добродетели, кои треба да ги постигне зрелата личност. Едното е она што е **достојно за човекот**, што е негова одговорност и **должност**. Тоа се нешта кои ги одбира умот и се израз на грижата за својот добар лик и за другите луѓе.

Стоичкиот **мудрец** е слика на одлична, *совршена личност* (спротивно е ликот на *будала*). Мудрецот ги олицетворува вистинските етички барања. Тој во себе ги одгледува сите добродетели. Владее со страстите, воздржан е и достоинствен, храбар и справедлив. Тој е слободен, зашто може да направи сé што треба: "Мудреците не се само слободни, тие се и кралеви, зашто кралството е власт која никому не треба да му дава сметка". Животот на мудрецот е полн со блаженство, нему ништо не му пречи, тој ништо не бара и нема потреба од ништо. Мудреците меѓусебно се сакаат и си помагаат, тие си се пријатели, бидејќи пријателство може да има само помеѓу личности со исти морални начела. “Пријателот е другото јас“. Дали е тешко да се реализира овој идеал? Да, но стоиците укажувале дека Сократ и Диоген и другите мислители биле такви и ја достигнале бараната духовна и морална слобода.

Наспроти епикурејците, кои на луѓето им предлагале да се повлечат од заедницата во сопствениот свет (градина), стоичкиот мудрец може да учествува и во политичката дејност, зашто на тој начин ќе ги попречува пороците, а ќе ја унапредува добродетелта. Ако сака, мудрецот може да дава придонес за прогресот на државата, ако треба и ќе се жртвува за неа.

Исто така, кај стоиците се јавува и една извонредна етичка идеја - тие себе си се гледаат како **космополити** ("жители на светот"). За Зенон сите луѓе имаат исти црти и си се блиски. Ератостен укажувал дека од Александар Македонски разни советници барале варварите да ги третира како непријатели, но младиот цар унапредил многу способни луѓе од други народности и им правел добри дела. Природната поврзаност на луѓето, според стоиците, се однесува на целиот свет. Исто така тие се истакнувале и со човештината. Укажувале дека никој не е роб според природата и дека луѓето се разликуваат само според квалитетите и добродетелите. Роб се станува не со купување, туку само ако не си слободен во мислата и во чувствата.

Зенон и стоиците имале огромен успех. Нивната етика е ценета и следена повеќе од 2.000 години. Кога сега повторно се разбудува етиката, нормално е сериозниот дух на стоицизмот да биде помеѓу основите на новиот морал.

**Етички мисли од стоикот Зенон**

“Целта е живеење во согласност со природата. Добродетелта е цел кон која нé води природата.“

“Разумниот живот е природен живот.“

“Имаме две ува, а една уста - за повеќе да слушаме, а помалку да зборуваме.“

“Најдобар е оној кој го слуша добриот совет, а треба да се пофали и оној кој самиот сé согледал.“

“Ништо не е понепристојно од вообразеноста, особено кај младите луѓе.“

# 18. Епикур

## НЕ ПЛАШИ СЕ И РАДУВАЈ СЕ!



Философијата расправа за општите проблеми, а философите главно им се обраќаат на сите луѓе, дури не посебно на генерациите со кои го споделуваат живеењето. Таа е *универзална духовна дејност*, како и речиси сите научни настојувања и откритија (освен оние непосредно поврзани за решавање на некој конкретен актуелен технички проблем). Етиката е поспецифична, таа ја изразува личноста на говорникот и неговиот однос спрема луѓето околу него, со коишто живее. Етичарите посочуваат на своите и на нивните дилеми и многу често им се обраќаат на блиските, укажувајќи дека мислата се однесува на нив. Но, и кога се свртени само кон оние кои им се пријатели, сепак **идеите на етичарите можат да станат универзални**, разбрани насекаде, се случува тие да се шират и влијаат и во далечните краишта, па дури и векови потоа (на латински тоа големиот поет Хорациј го има кажано: De te narratur - *За тебе станува збор*). Такви се идеите на Епикур.

**Епикур** е роден во 341 година пред н.е. на островот Самос. Уште како млад започнал со философски студии. Некои од учителите ја следеле атомистичката теорија на Демокрит и тој се вљубил во учењата на големиот научник и етичар на животната радост. Целиот живот оттогаш Епикур се стремел индивидуалната животна цел да ја реализира преку материјалистичката мисла. Имал слабо здравје, но грижливо се подготвувал да биде учител по философија. Отворил школа во Лампсак и имал успех, а во 307 година дошол во Атина, каде што ќе биде последниот оригинален философ кој дејствувал во овој град на мудроста. Купил *градина*, во која работела неговата **школа** и се собирале приврзаниците. Учениците повеќе гледале во Епикур пророк одошто наставник.

Епикур бил прекрасна личност, воздржан и духовно ведар, постојано бил на услуга на младите и на пријателите, кои во неговата градина имале свое постојано свратилиште и место за искрен разговор (поимот "Епикуровата градина" ќе биде популарен многу векови, па и денес). Кога умрел во 270 година пред н.е., Епикур ја оставил школата на својата духовна заедница. Кон крајот од животот многу страдал од бубрезите, но покажал максимална самоконтрола: “Додека бев болен со никого не разговарав за моите телесни болки, дури ни со оние кои доаѓаа да ме видат. Продолжив со истражувањата, а особено се занимавав со прашањето како духот може да остане мирен и да го сочува своето достоинство и покрај лошите процеси во телото... И тогаш својот живот го сметав за убав и ведар“.

Сочувани се неколку убави текстови од Епикур, како неговите научни пораки: "Послание до Херодот", за физичкото учење, и "Послание до Менекеј", за основите на етиката. Неговиот римски приврзаник големиот поет **Тит Лукрециј Кар** (97-55 пред н.е.) му крена паметник со својот величествен еп во 6 книги "За природада на нештата", во кој е изложено целосното учење на Епикур.

Епикур живеел во *хеленистичката епоха*, во времињата по смртта на Александар Македонски и на Аристотел, кога во животот имало многу проблеми. Огромното Македонско Царство не се одржало, завладеале династички борби ширум пространствата што ги освоил Александар. Во секојдневното живеење имало потреси заради економската криза и разни форми на разнебитување. Се јавил масовен *скептицизам*, неверување во силата на човекот да ја сознае вистината и сомнежи во принципите на моралот. Се релативизирале доброто и злото, се приведувале различни норми што големата армија ги сретнувала на својот долг пат низ многу региони до Индија (со чудна игра на случајот, токму големите философи скептици како **Пирон**, 360-270 пред н.е., биле во придружбата на Александар Македонски). Како единствен правилен импулс и патоказ во новата епоха биле истакнувани волјата и стремежите на единката. Луѓето ги обземале јанѕи заради случувањата и неизвесноста од иднината. Под влијание на источните обичаи и идеи, кои станале дел од духовноста, сé посилно било свртувањето кон религијата, завладела левантинската теорија за неодминливата судбина (*кисмет*), а сé повеќе се воделе дискусии како да се пронајде подобар живот, но не во овој свет, туку по смртта.

Во таква ситуација, Епикур истакнал дека **задача на философијата е да им помогне на луѓето во нивните душевни страдања**. Таа би требало да им ја разведри душата, да им обезбеди чувство на среќа во текот на целиот живот (бил приврзаник на Демокрит). Епикур прв рекол дека **Етиката е најзначајна гранка на философијата**, во која, покрај теоријата на моралот, има уште учење за сознанието и за устројството на светот, но кои само ја помагаат етичката функција - да се осмисли човековото живеење и да се пронајде пат по кој луѓето можат да стигнат до спокојство и среќа.

За таа цел, според Епикур, најнапред е потребно човекот да се **ослободи од стравовите**. Притисоците врз душата, јанѕите, постојаните вознемирувања не му даваат на човекот слободно да размислува за животот и да го насочува кон вистински цели. Двата вакви основни проблеми Епикур ги лоцирал во стравот од боговите и во стравот од смртта. **Не плаши се!** - му порачува Епикур на човекот, кажувајќи им го тоа најнапред на учениците и на пријателите. Човекот **не треба да се плаши од боговите**, објаснувал тој, бидејќи улогата на боговите е поинаква одошто луѓето си мислат. Епикур го објаснува постоењето (следејќи го Демокрита) како склоп од атоми, најситни честички, кои се вечни и неменливи. Сé настанува како природен процес, кога атомите се поврзуваат и создаваат нешта или се разделуваат и нештата се загубуваат. Светот не го создале боговите, ниту тие влијаат врз настанувањата и на настаните во него и врз престанувањата на атомските врски (ваквото објаснување е мошне блиско на новите истражувања и учења за субатомските честички).

Епикур не го негира постоењето на боговите (обичајната религија била составен дел на старохеленскиот живот - како што и денес е кај многу луѓе), Но, според Епикур, боговите се суштества од најфини атоми, кои живат во меѓусветовите, во просторите помеѓу разните светови. Таму уживаат во насмејаниот етар, без болки и страдања, имаат среќен и вечен живот, задоволни се од самите себе и не се мешаат во природните закони. Тие не се интересираат

за луѓето и за случувањата (вака слично за реалниот свет резонирале подоцнежните пострененсансни *деисти*, кои на Бога само му определиле да го создаде светот и да му ги даде природните закони, а животот и луѓето ќе се движат како што умеат). Боговите не се интересираат за луѓето, не се загрижени за нив, не се занимаваат со нив и не им ја определуваат конкретната судбина. Кога би се мешале во збиднувањата на овој свет, боговите би биле загрижени, а тоа е спротивно на поимот на божеството. Боговите се блажени вака, одделени од светот, па нив мудреците ги обожаваат како обрасци за своето блаженство.

Значи, непотребен е еден од основните човекови стравови. Исто така човекот **не треба да се плаши ни од смртта**. Сé во светот е од материјална природа. Телото и душата се состави од атоми. Во таа смисла, сé е смртно. Смртта значи *разделување на атомите*. Така престанува да постои и душата. Никој не треба да се плаши додека трае животот, а кога ќе настапи смртта, ќе го нема тој човек. Не се реални сликите за бедниот живот по смртта, бројни во хеленската митологија. Погрешни се и источните идеи за животот и за казната на другиот свет. **Не плаши се!** - порачува Епикур како учител. Со отфрлањето на идејата за бесмртност на душата отпаѓа и стравот од она што се случува по смртта. Впрочем, страдањата се на овој свет - тука страстите му го коват џигерот на невоздржаниот, или непрестајно човекот го измачуваат алчните стремежи, или совеста апе заради злосторствата.

Ослободувањето од стравовите на Епикур му е потребно за да ја изложи својата теорија за **пријатното и радосно постоење** како убава животна цел на индивидуата. Него изрично го интересира задоволството на единката. Впрочем, нејзината цел е да постигне *среќа* (со тоа ја продолжува идејата на *Аристип* за задоволството како човекова цел). Единствената видлива цел на човекот е чувството на задоволство, како што има само едно вистинско зло - чувството на болка: "Секое живо суштество, штом ќе се роди, бара задоволство и му се радува како најголемо добро, а ја избегнува болката како најголемо зло и ја отрфла од себе колку што може".

Природниот живот значи **стремеж кон задоволство и невознемиреност**. За Епикур е најважно да се биде радосен и весел, како и да се чувствува непоматеност и безболност. Се разбира, основни се задоволствата на телото (тој вели "на стомакот"), кои се темел за сите други задоволства, кои настануваат преку сетилните органи. Меѓутоа, за разлика од Аристип, Епикур истакнува дека се **поважни духовните задоволства**, кои се поголеми од телесните. Станува збор за она што се случува во мислењето. Од непосредното телесно задоволство е посилно сеќавањето за некое задоволство што сме го имале или очекувањето за некое идно задоволство. Дури ќе каже: "Не треба да се возвишува момчето како среќно, туку старецот кој убаво живеел; случајот го фрла момчето ваму-таму и тој мисли де на ова де на она, а старецот влегол во староста како во пристан и внатре во себе ги чува вредностите со благодарност која не може да се помати".

Целта на животот за Епикур е *ослободувањето од болки и достигањето на задоволство*. Значи, животот бара да се најде *техника на уживањето*. За тоа ќе помогне философијата. Таа укажува дека најголемото блаженство е **атараксија**, *непоматеност на духот*. Оваа се постигнува со ослободување од стравовите и од влијанијата од надворешниот свет, како и со ослободување од болките и од пожудата, од напуштање на доминацијата на своите копнежи и страсти. Задоволството реално нема континуитет. Во животот не се можни непрестајни состојби на уживање, туку ги има одвреме навреме и се прекинуваат со мигови на страдање или на незадоволство. Целта е јасна - треба

да се ослободуваме од болките, треба да се стремиме кон задоволствата и да внимаваме самите да не си нанесуваме страдања (дури и од уживањата, кои можат да бидат лажни задоволства и извор за патила). Животната радост е единство од пријатноста на животот и личната непоматеност, невознемиреност.

Задоволствата (како киренска идеја) и животната радост (како идеал на Демокрит) ја проникнуваат етичката норма на Епикур. Овој голем мислител имал влијание, луѓето ги слушале неговите зборови. Веднаш е следен од мнозина - но, сепак, особено од развратните, кои небаре си најдоа оправдување за своите безгранични уживања. Дури почна да се употребува името *епикуреец*. Не само што Епикур тоа не го барал, туку и го порекнувал. Имотно скромен, постојано болникав, тој најповеќе уживал во пријателските средби и разговори во градината и во скудните оброци. За него се најважни 4 добродетели: Разумност, Самоконтрола, Храброст и Справедливост, кои овозможуваат среќно самочувствување. За него **пријателството** е најважна социјална врска - овозможува *убаво човекување*, со пријатни чувства и контакти, кои ги надоместуваат сите проблеми кои човек може да ги има.

Крајната идеја на Епикур се пројавува во учењето за **мудрецот**. На почетокот на античкиот свет се јавиле мудреци, кои со разумот и ученоста ги фасцинирале своите сограѓани и ги подучувале што е вистинско живеење и на што треба да се свртува вниманието (кај *7-те мудреци*, претставени во текстот за Питагора, една од нивните идеи е прочуениот принцип “Мерата е најдобра“). Кон крајот на Антиката, мудрецот повторно станал потребен на светот. Но сега станувањето мудрец е **личен животен идеал**. Мудрецот е оној кој ја презира смртта, има свое мислење за боговите, далеку е од секој фанатизам, си ги ограничува пожудите, ги контролира болките, знае како да живее, има вештина да се здобие со задоволство, да се ослободи од неспокојство, да ја освои атараксијата како трајна смиреност и чувство на блаженство. Во животот на мудрецот случајот се јавува само во малечка мера, со најважните нешта тој управува со своето мислење, а ограниченото време што го има во животот не му донесува незадоволство. За таа цел, според Епикур, умниот треба да се откаже од учеството во јавниот и во политичкиот живот, *да се повлече*, да си ги споделува времето и задоволствата со пријателите во својата градина.

Епикур е еден од најпознатите мислители. Ја разработи атомистичката теорија на Демокрит и ја дополни со теоријата за слобода на атомите да скршнуваат од цврстата насока која ги ограничува (за таа теорија пишува *Карл Маркс* во својата дисертација). Бил многу популарен во Римското Царство, а мнозина мислители на строгиот морал ја напаѓале неговата теорија за задоволствата (која повеќе е совет од Аристип отколку од Епикур). Впрочем, иако голем број мислители укажувале на пропустите во етичката теорија на Епикур за задоволствата, истовремено ги истакнувале неговата чесност, скромност и лична доблест. Во Средниот век го мразеле како ѓавол. Но во постренесансниот период неколку мислители се *епикурејци*. **Пјер Гасенди** (1592-1655) и другите современици ги пласирале идете на Епикур како силна концепција против закостенетата сколастика и умртвениот религиозен живот. И подоцнежните француски мислители ги разработувале идеите на Епикур во посебни книги, како **Ламетри** (1709-1751), **Жан-Мари Гијо** (1854-1888) и академикот и нобеловец **Анатол Франс** (1844-1924), со убавото хуманистичко дело "Градината на Епикур". Епикур ја навести мислата за човековите страдања и јанѕи, која во совремието ќе ја развијат **егзистенцијалистите**.

Епикур покажа дека моралните идеи можат да бидат поврзани со материјализмот. Неговото име се употребува како ознака за уживањата.

Неговите приврзаници ги унапредија убавите нешта на светот - гастрономијата, пиењето, веселите дружења, многустраните животни уживања, како и модата, индустријата на веселбата и на најубавите светски производи (затоа во Франција одамна многу е проучуван). Постојат многу клубови во знакот на епикурејските идеи. Епикур само им порачувал на блиските да не се плашат и да се радуваат на животот, да гледаат да си го направат пријатен. Тоа го прифаќаат мнозина, дури и оние кои не знаат кој е Епикур или кои докрајно не ги разбрале неговите идеи и неговата препорака дека за тоа треба да се биде мудрец.

**Етички мисли од Епикур**

“Јас ги повикувам луѓето на трајни задоволства, а не на празни и бесмислени добродетели што во себе содржат мошне сомнителни надежи за нешто добро.“

“Да не се биде гладен, да не се биде жеден, да не ти студи, тоа е гласот на телото. Кој го има тоа и се надева дека ќе го има и во иднината, тој има блаженство рамно на божественото.“

“Со телото може да го чувствуваме само она што е *сеѓа и овде*, а со духот можеме да ги чувствувам и минатото и иднината.“

# 19. Патанџали

## ЕТИКА НА ЛИЧНИОТ НАПОР



Во историјата се појавиле и се разработени различни мисловни системи во кои се укажува што треба да прави човекот за да постигне определени цели, кои можат да бидат социјални, или лични, или религиски, или етички. Една таква практична философија како јогата толку силно е поврзана со етиката, што како целост може да се смета за **особена етика**.

**Јогата е психо-физички систем, мисла и дејствување**, настанати одамна во Индија. Во јогата психичката концентрација, медитацијата и физичките активности се спроведуваат со цел да се постигне своевидна *слобода* и да се реализираат убави и значајни нешта, да се дојде до висок духовен развој, добро здравје, психичка стабилност, спокојство и етичка возвишеност, со еден збор - да се дојде до **совршенство на суштествувањето**. Според јогата Раџа ("кралска јога", а постојат 20-тина типови јога), за да ја достигне бараната цел личноста треба да мине низ осум видови дејства, кои се надоградуваат. Тоа се: *јама* (морални обврски); *нијама* (внатрешна дисциплина); *асани* (правилни положби на телото); *пранајама* (регулирано дишење); *пратјахара* (повлекување на сетилата); *дарана* (концентрација); *дјана* (медитација) и *самади* (нурнување, вдлабочување, самореализација).

Кај различните видови јога се нагласува еден или друг елемент или фаза. Некаде (особено на Запад) се мисли дека е најважно телесното вежбање на разни позиции. Понекаде централни се ликовните и звучните елементи, кон кои се насочуваат свеста и вежбањето. Во јогата наречена Крија сѐ е сосредоточено кон моралното усовршување на личноста. Некаде е најважно раздвижувањето на енергијата *кундалини*, а некаде мисловното бранување. Но, во секоја од јогите има и духовни и телесни активности (помеѓу кои во Индија не се прави разлика), како и особена морална концентрација, која од јогата создава многу важна етичка пројава. Тоа може да се види веќе во првото историско дело за јогата наречено "**Јога-сутра**" (Книга за јогата) од Патанџали.

**Патанџали** (од II век пред н.е.) ја напишал "Јога-сутра" на класичниот јазик санскрит. Со мислите во стегната форма, во ова дело од само *неколку страници* се прикажани сите цели и идеи на јогата. Помеѓу нив се истакнуваат нејзините етички димензии.

И самиот збор **јога** означува морална состојба. Тој значи "сврзување", "обединување", "станување едно", укажува на спојувањето во целост на сите делови на разделеното човечко суштествување, на психата и телото, на духот и енергијата, на визиите и дејствувањето... Овој поим говори за неопходноста **единечното суштество да се спои со Општата Душа на светот**, со сета егзистенција. Јога означува и "впрегнување", "напрегање да се реализира доблесна цел", т.е. дека **секој треба да се усоврши**, унапреди, подобри, за со

своите мисли и дела да биде достоен за себе и да ја реализира смислата на човечкото.

Патанџали ги истакнува сите овие аспекти на јогата. На него се повикуваат сите подоцнежни автори, сé до денес, кога јогата се рашири насекаде низ светот - а во поновата епоха **Свами Вивекананда** и **Шри Ауробиндо Гоше** (за кои напишавме посебни текстови), два мошне значајни етичари, а и низа други источни мајстори - развија врз основите на јогата мошне интересни етички учења и детални морални вредности.

За Патанџали јогата е еден од системите на браманистичката философија (еден од шесте основни индиски мисловни видови). Книгата "Јога-сутра" има четири дела: *Сосредоточување* (за концентрацијата на духот), *Вежби* (за средствата со кои ќе се постигне таа цел), *Духовни моќи* (за духовната сила која може да се достигне со јогата) и *Спасување* (за целосното ослободување на духот и за реализирањето на саканото општо единство). Основните цели се постигнување на **смиреност на духот и свртеност кон себе** (воспоставување хармонија со својата сопствена природа). Важно е да се воспостави **вистинско сознание**, што се постигнува со постојана концентрација и бестрасност. Тоа е своевиден аскетизам, морална дисциплина за себесознание. Потребно е постојано, долготрајно вежбање на духот, со внимание и со доверба, совладување на страстите и на желбите за надворешни или внатрешни нешта (во Индија владее идејата дека душата на луѓето непрекинато повторно се враќа да живее во овој несовршен свет ако не се ослободи од посветеноста кон нештата, кои ја приврзуваат за светот). Добродетелите во јогинот за ваков дострел се самодовербата, енергичноста, прибраноста на духот и мудроста.

Јогата бара морално, аскетско и религиозно живеење и предлага средства за такво усовршување. Тоа е придружено со напорите за разни видови воздржувања и за телесно и психичко прочистување. Треба да се студира и да се усвојуваат идеи. Целта е да се дојде до медитативна концентрација и да се отстранат стравовите. Постојат разни причини за анксиозноста: незнаење, несогледба на природата на нештата и на својата вистинска природа, самољубивост (негативно давање значење на персоналноста), завист, пожуда, подлегнување на страстите, омраза, одбојност спрема другите, страв од умирање, болно приклонување кон животот.

За Патанџали, од осумте составни делови на јогата први и појдовни се *етичките* - Јама и Нијама. Во **Јама** станува збор за моралната насоченост, во **Нијама** за етичката обврзаност на јогинот. Во јогата се истакнува нужноста да се спроведуваат нејзините морални норми. Етиката на јогата претставува нејзина оска. Низ неа се изразуваат интенциите на јогата и таа претставува основа за дејствувањето на јогините.

Јогискиот морал содржи обврска да се реализираат низа стандардни добродетели. Двете големи области на јогиската етика Јама и Нијама создаваат единствен, ригиден и консеквентен **морален систем**, еден од најзначајните и најстроги во историјата и реалноста на човештвото. Тие две целини од етички начела не се меѓусебно спротивни, туку комплементарни, се надополнуваат, одат заедно. Тие се изложуваат посебно бидејќи зафаќаат различни сфери од етичкиот ум и должности.

Системот **Јама** се однесува на **моралните норми во односите спрема другите луѓе**. Тие норми се одговор на негативните појави во животот. Тука спаѓаат познатите добродетели: **ахимса** (ненасилство, неповредување друг човек или живо суштество со мисла, со збор или со дело, толеранција); **сатја** (придржување кон вистинитоста, вистинољубивост); **астеја** (неприсвојување на

туѓо, некрадење); **брамаќарја** (чист живот, воздржување од сетилни задоволства; чесност во бракот) и **апариграха** (непоседување, непримање ништо од друг).

Системот **Нијама** се однесува на специфичните **лични морални својства** на личноста. Целта е да се создаде *чист дух*. Овие добродетели не се наметнуваат со логичко уверување, туку се одгледуваат со продлабочена морална чувствителност на личноста. Оваа морална карактерологија ги содржи добродетелите: **шауќа** (чистота, и во психичка, и во морална, и во физичка смисла); ***сантоша*** (задоволство, сатисфакција од моралното однесување); **тапас** (аскетски напор); **свадјаја** (самопроучување, учење) и ***ишвара-пранидана*** (преданост кон космичката целост, кон Врховното суштество и кон учителот).

Покрај овие основни десет етички вредности на јогата (кои ги набројавме изделено, бидејќи нивните имиња им се веќе познати на интелектуалците во светот), во јогата се истакнуваат и разни други добродетели: отфрлање на негативните мисли и прифаќање и воспоставување на позитивни мисли; воздржување од постапки кои раѓаат страдање и незнаење; воздржување од насилство; негување љубов кон вистината и кон ближниот; сочувство и емпатија (вчувствување); заедничко радување со другите; рамнодушност спрема среќата и несреќата, кои се случајни нешта и израз на неразбирањето на сложеноста на живеењето; создавање на свој чист дух, итн.

Значи, јогата ни кај својот прв теретичар Патанџали не е само систем од физички вежби и вежби за дишење, заедно со форми на медитација и на контемплација. Тој ги нагласува најнапред двете основни, појдовни етички целини Јама и Нијама, со своите бројни и сложени морални норми. Во минатото, заинтересираните за јога дури не биле запознавани со основните телесни и ментални вежби сé додека не ги прифатиле и кај себе не ги оживотвориле етичките принципи Јама и Нијама. Подготвителениот период можел да трае и повеќе години. **Со етичкиот пристап се обезбедувало низ јогата навистина да се реализира вкупен хармоничен развој на личноста**.

Во современата епоха не се претпоставува почетно етичко вежбање, т.е. остро приспособување на животот на јогинот кон високите етички цели на јогата. Сепак Јама и Нијама не се запоставени во јогата. Овие етички норми се градбени делови на јогата и без нив не е можна успешна јогиска практика. Јогата е *пат на самосознавањето*. Со тоа е поврзана и нужноста од сознавање на недобрите својства на сопствената личност и неопходноста од нивно елиминирање или менување. Таквата етичка активност не може да се реализира без почитување на високи морални начела. Јама и Нијама придонесуваат за намалување на количеството и интензитетот на стресните доживувања на јогинот, за елиминација на негативните својства кај личноста и за намалување на негативните односи помеѓу луѓето. Со овие норми се зголемува одговорноста на личноста за сопственото мислење и однесување. Бидејќи секоја човечка активност е насочена кон создавање на квалитетна човечка заедница, во овој битен социјален процес моралните системи Јама и Нијама вклучуваат и образложени психички, духовни и етички начела. Во таа смисла овие етички принципи (особено *ахимса*-толеранцијата и *сатја*, *сатјаграха*-стремежот кон вистината) ги објаснуваше и ги вградуваше во моралниот систем еден од најпознатите современи етички творци **Махатма Ганди**.

Треба да се истакне еден исклучителен етички аспект на нормите на Јама и Нијама. Тие поими и норми се транспонираат во *заповеди* и *забрани*, но, и покрај нивната императивност, тие не се сметаат за догматски налози (ова е мошне важно за разбирање и на современата етика). Кај овие етички принципи станува збор, пред сé, за укажување на определени склоности на човечката

природа, кои треба да се развиваат или да се елиминираат, за со тоа да се создаваат услови за востановување спокојство и хармонија во личноста на јогинот и во неговата човечка средина. Затоа Јама и Нијама како морални раздвижувачи и етички правила се сметаат за средство за подлабоко запознавање на сопствената личност, а истовремено и за ефикасен систем на душевна хигиена. Така двава базични етички столба учествуваат во јогата на вистински јогиски начин.

Патанџали ја определува јогата како **методски напор да се постигне совршенство** преку совладување на разни физички и психички елементи на човековата природа. Телото, волјата и перцепцијата треба да бидат ставени под самоконтрола. Телото и душата треба да се ослободат од неспокојствата и нечистотијата. Вежбите и медитацијата ќе ги развијат човековите потенции и ќе ја засилат виталноста. **Целта е да се реализира вистинска духовна слобода**.

Посочениот практичен пат на Патанџали за ослободување низ дисциплинирана дејност укажува дека се нужни напори на човекот за да се прочисти, усоврши и извиши. Етиката на **личниот напор**, заедно со особените етички добродетели и норми на јогата, претставува особен придонес на Патанџали и на другите јогини кон развојот на универзалната светска етика. Затоа философијата и етиката на јогата се интересни за прочување како што нејзиното практикување е сé попопуларно во целиот свет. За философијата и етиката на јогата кај нас убаво пишува д-р Стојан Пржовски, кој, покрај магистерскиот и докторскиот труд за овие проблеми, објави четири исклучително интересни и поучни книги “Теориски основи на јогата“, “Философија на јогата“, “Јога и етика“ и “Етика на јогата“.

**Етички добродетели на јогата според Патанџали**

"Длабоко во својата душа треба да се воспостави воздржување од насилство, зашто тогаш од опкружувањето на јогинот исчезнува непријателство.“

## ДЕСЕТ ЕТИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ НА ЈОГАТА

- ахимса (ненасилство)
- сатја (вистинољубивост)
- астеја (неприсвојување на туѓо)
- брамаќарја (чист живот)
- апариграха (непримање ништо од друг)

- шауќа (чистота
- сантоша (задоволство од моралното однесување)
- тапас (аскетски напор)
- свадјаја (самопроучување, учење)
- ишвара-пранидана (преданост кон космичката целост и кон учителот)

## 20. Кикерон

# МОРАЛОТ Е ДОЛЖНОСТ



Некои луѓе прават мошне важни, најважни нешта или оставаат најдлабоки траги во човештвото, а луѓето понекогаш не знаат дека нив ги направила токму таа одредена личност. Впрочем, разни нешта знаат сите, но некој треба да ги каже и обликува мислите. Така за етиката малкумина освен специјалистите знаат дека **еден од највлијателните европски етичари** бил Кикерон (Цицерон).

Тој го создал латинскиот збор **морал**, така преведувајќи го хеленскиот збор **етика**, создаден од Аристотел. Тоа се два главни и најраширени поими во светската етичка наука и практика. Кикерон прв го употребил и зборот “хуманитас“, со значење *образование*, за да означи дека само преку образованието се станува вистински човек. Со етичките мисли и пораки на Кикерон два милениуми се воспитувани младите во европскиот свет, сé до пред неколку децении, кога престана настојувањето младите да се едуцираат за строг морал и за задолжително извршување на должноста (денешната ревитализација на таквото образование и на самата етика, како што растат проблемите на човештвото по катастрофалните упадоци и аморалните тенденции во современиот свет, повеќе се потпира врз сличното Кантово учење).

**Марко Тулиј Кикерон** (Цицерон) е роден во 106 година пред н.е. во гратчето Арпин. Татко му го испратил на 7-годишна возраст во Рим да учи. Бил сестрано образован - пишувал поезија, станал најголем римски (и светски) **беседник**, бил голем правник и најпознат адвокат во Рим, еден од најбележитити државници, а бил и значаен философ и етичар. Неговите квалитети вака ги пофалил еден грчки беседник: “Ти се восхитувам на твоето умеење, Кикероне, но ја жалам судбината на Грција, зашто единствената наша предност и последната наша гордост - образованоста и красноречието - благодарејќи ти тебе, и тоа од нас премина кај Римјаните“.

Од својата 30-та година е биран на разни функции, дури неколку пати бил и на највисоката должност **конзул**, иако бил дојденец (тогаш се велело "нов човек", не бил од стар род - за тоа во Рим се водело сметка). Бил и управник на провинцијата Македонија. Се истакнувал како борец за правдина. Ораторството го поставувал како моќ напоредно со воената вештина; сметал дека војувањето овозможува живот во мир, а беседништвото ги отклонува опасностите од војната. Зборувал дека успешна држава значи сојуз на тогата/перото и мечот. Како државник му се противставил на Катилина кој сакал насилно да ја преземе власта. Тогаш ги одржал прочуените 4 говори против Катилина, со политички и

етички аргументи образложувајќи ја потребата од демократски односи во државата (тие *најпознати светски политички говори* во 1994 година ги објавив на македонски јазик во превод на професорката Љубинка Басотова). Тогаш на Кикерон му е доделена гордата титула "татко на татковината". Тој се фалел дека успеал да ја спаси татковината без крв и убивање, без војна и битки. Со страст го бранел своето етичко-политички кредо дека **политичките средства треба да имаат предност пред вооружените судири**.

Потоа и него го испратиле во прогонство. Кикерон се осамил и посветил на философската работа. По убиството на Гај Јулиј Цезар, се ангажирал да се задржи стариот републикански систем, но биле посилни императорските тенденции (и долготрајните граѓански војни). Кикерон одржал 14 говори против Марко Антониј, за што бил внесен во списокот на непосакуваните и убиен во 43 година пред н.е. Од говорите против Катилина е позната неговиот маестрален вовед и етичка забелешка: **O tempora, o mores!** О времиња, о обичаи! (Што морал е дојден, какви тоа дела се прават?!)

Сочувани се многубројни дела на Кикерон - 58 говори, 900 писма, повеќе дела за реториката (кои и денес служат како учебници за беседништво), како и многу философски трудови. Бидејќи бил многу учен, од неговите дела се дознава за учењата на други мислители, чии дела се загубени. Се кажува дека бил еклектичар, т.е. не припаѓал на ниедна школа во смисла да следи определени цврсти правила и мисловни содржини, туку берел од разни умови. Сепак овој сестран интелектуалец градел сопствен став за прашањата. Неговиот јазик се смета за совршен класичен латински (а трудовите му се сочувани и благодарејќи на тоа што измислил стенографија, па неговиот роб целосно ги запишувал кажаните зборови).

Придонесот на етичките дела на Кикерон е **непроценлив**. Во делото за смислата на живеењето "За врвното добро и крајното зло" тој расправа со погледите на епикурејците дека цел на животот е задоволството. Во неколку дијалози изложува практични етички прашања: "За презирањето на смртта"; "За поднесувањето на болката"; "За ублажувањето на болеста"; "Добродетелта е доволна сама по себе за среќно живеење". Три од неговите дела спаѓаат меѓу најпознатите и највлијателни етички трудови во историјата: "За староста", "За пријателството" и "За должноста", во кои во форма на дијалог, со интимно и впечатливо искажување, Кикерон ги изложува своите сознанија за овие големи етички теми.

По *Аристотел* во "Никомаховата етика", многумина пишувале за **пријателството** како голема добродетел, но малкумина толку добро како Кикерон. За пријателството тој вели дека треба да се стави над сé друго човечко. Ништо не е попријатно од возвраќањето на љубовта, од заемната размена на добрите волји и од заедничките добри дела. Тој покажува дека "пријателството може да опстои само помеѓу добри луѓе". Пријатното чувство на пријателство не може да постои без добродетелта и чесноста. За пријателството Кикерон го воспоставува овој етички закон: "Од пријателот не смееш да бараш нечесни работи, ниту да ги правиш ако тој тоа од тебе го бара".

Овие етички расправи Кикерон ги пишувал кога имал 60 години. Зад него е огромно искуство, а образованоста се преточува во животна самооценка. Текстот за староста е еден од најубавите во светската литература за чувствителната тема за минувањето на годините и за очекувањето на смртните неволји и на конечниот час. Се покажува дека Кикерон е близок до стоиците, како етичари на самоконтролата, укажува дека со нивниот став може да се живее без тешкотии. Според нивното начело - и тој инсистиа дека треба да се

следи природата како најдобар водич за чесното живеење. Староста е крај, созревање на животот, и не треба да предизвикува стравови, туку радост, ако во животот човекот се придржувал за моралните добродетели, кои донесуваат прекрасни плодови. Умниот умира мирен, глупиот неспокоен. Сознанието за еден добро поминат живот, чесно дејствување и сторени добри дела е најпријатен спомен за изминатите години. Правилото е: "Животот што минал спокојно, чисто и умно може да има мирна и тивка старост". Зашто, останува само она што се постигнало со добродетелта и со чесното работење. Кикерон посебно укажува дека старите треба да бидат почитувани, што и се прави доколку моралот е на поголемо ниво (дури во поновата епоха, расправата за Третото доба-староста од *Симона де Бовоар* ќе го има истото општочовечко значење за оваа тема како овој есеј од Кикерон).

Врвот на етичката размисла Кикерон го постигна во делото за должноста. Тој разбирањето на **обврската и извршувањето на должноста ги смета за основа на етиката**. "Во почитувањето на должноста се состои сиот животен морал, нејзиното запоставување е срамно". За Кикерон обврзна задача на философите е да укажуваат на нужноста и на правилата за должноста.

Според Кикерон, **моралот е единствено или најважно добро**. Кон него треба да се стремиме заради самиот морал. Исто толкаво значење има и *праведината*, како добродетел која ги поврзува луѓето и го прави можен заедничкиот живот. Блиски се добротворството, добрината и великодушноста. Прва задача на праведината е никој никому да не му прави зло, како и тоа заедничките нешта да ги користиме само за заеднички цели, а за приватните цели да се служиме само со она што е лично наше: "Искористување на државата за свои лични цели не е само срамно, туку е и злосторство и расипаност". Основата на праведината е *верноста* (лојалноста), која претставува сигурност и вистинитост на дадениот збор и на она што е спогодено. Неправедливо е кога на другите им се прави неправо или кога не се прогонува неправдината. Во животот треба да се почитуваат оние кои се скромни, умерени и праведни. Од општествените врски ниедна не е повозвишена ни поцврста од онаа кога добри луѓе со сличен карактер меѓусебно се поврзани со лојалност. А ништо не е толку бедно колку амбицијата и борбата за почести.

**Пристојноста** како белег на сериозниот човек е појава на умереноста и воздржаноста. Според Кикерон, секоја постапка на зрела личност мора да биде ослободена од лекомисленоста и немарноста. Таква личност не смее да направи ништо за што нема доволно оправдана причина: "Желбите мора да се подредат на силата на разумот, да не одат пред умот, ниту да заостануваат поради завлеченоста и негрижата". Човек мора да биде *мирен* и *ослободен од страстите*, со што ќе постигне доследност и умереност. Според самата природа, **човек е должен да му се покорува на разумот**. Она што ги кине врските со разумот внесува неспокојство во душата и во дејствувањето. Затоа сите желби треба да се ограничуваат и смируваат и "постојано мора да бидеме будни и да внимаваме да не направиме нешто непромислено или случајно, немарно или непристојно".

Кикерон особено ја истакнува вредноста на **сериозноста**. Ние не сме родени само за шега и игра, туку за сериозни нешта и за некои поголемо остварувања. Првин треба да се свршат поважните и сериозните работи, потоа да се забавуваме или да спиеме. Дури ни во шегата не треба да се биде неумерен, туку учтив и духовит. Не смееме да се оддалечуваме од пристојното однесување, а во шегата треба да се види духот на чистата добродетел.

**Најважно е исполнувањето на должноста**. Со ова човекот се разликува и истакнува од останатите животни, кои се стремат само кон јадење и сетилни задоволства, додека човекот се храни со учење и размислување, севезден нешто истражува и работи. Умната личност ќе ја скрие својата пожуда заради срам. Човечката природа е достоинствена и возвишена и треба да се разлачи од мрзеливоста, раскошот и разгаленоста: "Чесниот живот е скромен, умерен, сериозен и разбран". Разумот е нашето предимство. Тој е извор на сознанието на должноста - оттаму потекнуваат моралот и пристојноста. **Од должноста произлегуваат правилата на доследниот и чесен живот**. Според Кикерон, во човековата душа има две сили - *желбата*, која го влече човекот ваму-таму, и *разумот* - кој "подучува и објаснува што треба да се прави, а што да се избегнува". **Само разумот треба да го води човекот**, зашто тој му ги објаснува нештата и му укажува на прави патишта, му ја објаснува потребата да внимава и што значи животната сериозност. Од правилното сфаќање на должноста и обврските произлегува чесното и достојно живеење. Но обврската кон должноста не е дел од родениот умствен комплекс на личноста, како вградено својство, туку чувството за должноста треба да се изгради во младата личноста - затоа се учат моралните вредности.

Целта на сите поуки е **дидактичка**. Кикерон сака да ги научи младите на добрина. Тој им укажува дека секој треба да реши каков сака да биде и каква професија ќе одбере. Кон тоа, треба да научи да биде добар човек, да го слуша разумот и да ја засака и извршува должноста. Оттогаш тоа со векови беше училишна програма за воспитување на умот и волјата на младите Европејци.

Кикерон дал синтеза на етичката строгост и на добродетелите во Рим. Римјаните се гордееле со нивните доблести и лични квалитети, со кои ја изградиле најсилната и најдолготрајна империја во историјата. Правото и етиката на Рим - во значајна мера и преку идеите на Кикерон - до денес делуваат во човештвото. Дури и ако присобирал мислења од разни мислители, Кикерон создавал свој став, убаво го обликувал и моќно го изнесувал. Тој е сé уште меѓу водечките светски етичари. Етичките дијалози на овој силен етичар на македонски ги има преведено д-р Љубинка Басотова (1983, 2003), книгата за должностите Светлана Кочовска (2005).

**Етички мисли на Кикерон**

"Ништо не може да го наведе цврстиот човек да не ја извршува својата должност."

"Справедливите луѓе многу се жалостат поради некоја неправда, храбрите поради страшливоста, а чесните поради нечесноста. За вистинскиот (чесниот) човек е карактеристично да се радува на добрите дела, а да страда поради спротивното."

"Разумот управува, а желбата се контролира."

"Повеќе го сакам човекот без пари, отколку парите без човек."

# 21. Исус Христос
## АПСОЛУТЕН МОРАЛ



Исклучителните морални личности се светители. Нивните дела и зборови се истакнуваат како мошне квалитетни, етички релевантни и влијателни, а нивниот живот и морал стануваат образец за разбирање на смислата на етиката, визија за она што секој човек треба да се труди да го прави за да ја постигне добрината. Секој треба да го следи тој идеален морален пример. Личноста на Богочовекот, Божји син и Спасител Исус Христос има **најзначајно место во духовната историја на човештвото**, а пред сé во христијанската заедница и традиција, во кои таа има основна улога во духовниот и во моралниот живот. Таа заедница е влијателна и почитувана низ целиот свет. Граѓаните од сите ориентации и припадниците на другите религии ги ценат Христовите извонредни морални начела, дела и поуки.

**Исус Христос** е роден на 25 декември (Божиќ) во првата година пред. н.е. (од неговото раѓање современиот свет ги мери годините). Во строгата, традиционална хебрејска религија тој го донесе **духот на љубовта**. Оттогаш човекот не е исправен само пред непопустливиот скриен и строг Бог, туку на Бога гледа како на *вистински Татко*, кој од љубов ги создал светот и луѓето, па на Бога луѓето треба да му се обраќаат со љубов, а со истото начело на љубовта треба сите луѓе помеѓу себе да се почитуваат и однесуваат.

Во тогашните бурни верски и етички барања и расправии главна тема била ослободувањето од казната Божја, која луѓето ја трпат за грешките што ги направиле нивните предци или тие самите. Се очекувал **Месија**, Избавител, Избрана личност, кој со својата доблест ќе го спаси народот. Исус од Назарет, роден од мајка девица, е тој надежен Пророк, Спасител. Со своите дела и морални пораки тој им го посочувал на луѓето патот кон исправен живот и избавување. Неговата етика на *апсолутна моралност*, која е (треба да биде) и наш духовен хоризонт, е една од **најзначајните етики во човечката историја**. Нејзините основи, вредности и норми се изградени врз зборовите, поуките, доблеста, љубовта и страдањето на Исус Христос.

Исус бил полн со добродетели. Тој е **најдобрата личност** која престојувала на Земјата. Бил олицетворение на благоста, потивок дури од своите тивки ученици, не го кревал гласот, не завидувал никому, не се налутил на никого, никогаш немал ниедна злобна намера, не направил ниедно зло дело. Бил образец на смерноста, трпеливоста, издржливоста, на сигурната повлеченост во себе. Не му требало ништо и не барал ништо. Бил посветен на човечкото избавување. Исус е апсолутен етички светец. Кај него се едногласни неговите својства, намери и постапки. Исус ја следел смислата на својот живот, ја извршувал сложената должност бидејќи е квалитетна, не се плашел пред задачите, заинтересирано го набљудувал животот околу себе, го споредувал со

идеалните замисли, ги критикувал состојбите, но и пристапувал кон нивно менување, правејќи сé за што имал сили.

**Христовото живеење и учење се голема етика**. Од нив се открива смислата на моралот и јасно се претставува неговата благородна содржина. Основата на овој морал е **Љубовта** на Христос, оној наплив на емоционална енергија, кој ја крши душевната коравост и го топи мразот на секоја индолентност. Љубовта ја разбудува човековата заинтересираност за светот, за блиските и ближните, па оттука и за својот живот. Таа го поттикнува човекот да го разбере светот околу себе и суштествата со кои живее. Му ја открива и образложува целта на многу дејства, го свртува кон благородни постапки. Љубовта ја поткрева животната тензија, го осмислува и подобрува живеењето. Без љубов животот би бил пусто траење. А особено дава сила токму највисоката Љубов, која ја покажа Исус Христос - **љубовта за сите луѓе**, разбирањето на себе и на другите како суштества во иста положба и со исти шанси за живот и спас. Таквата љубов нас нé прави посвесни и подобри - ако засакам вака универзално, ќе се возвишам над секојдневицата која нé затапува и над судбината која нé осудува без наша волја.

Сакајќи, секој станува сакан. Од апстрактен вљубеник почнува да се изградува во квалитетен универзален човек, идеал на човечката егзистенција. Преку љубовта комуницирам со сите луѓе кои постоеле, со оние со кои живеам во исто време и со оние кои ќе престојуваат во светот и по моето заминување (тоа е идентификација на *човешшвошо*). Со љубовта тајната на битието станува животен факт, а човекот свој творец, со кого Бог ги споделува јанѕите за напредувањето и за творењето. За тоа се најважни добри односи помеѓу сите луѓе со добра волја на светот.

Љубовта, која ја покажа и возвиши Исус Христос, го прави човека вредно суштество, кое има вистинска цел, кое се изградило во свесна и доблесна личност полна со добродетел, која се воздигнала до добрина и човештина. Великиот завет, порака, молба и барање на Исус Христос, како последна тајна на христијанството и на сета смисла на човековата опстојба на Земјата, гласи: **ЉУБЕТЕ ГО БЛИЖНИОТ КАКО САМИОТ СЕБЕ!**

Исус Христос бил величествен морален проповедник. Неговата **Беседа на Гората**, дадена во Евангелието според Матеја, е *идеален пример на еден морален говор*. Оваа беседа е еден од најпознатите **морални врутоци на човештвото**, кое до денес ги храни и инспирира душите за морално сознание, соземање, определување и соодветно постапување.

Исус ги потсетува луѓето дека од нивното однесување зависи што ќе им се случи. Ако се скромни, полесно ќе ги поднесуваат своите тегоби. Ако плачат, ќе бидат утешени, бидејќи искрено ги доживеале тешкотиите. Ако се кротки, а не бесни и суетни, ќе станат господари на светот како луѓе со вистинско однесување. Ако се борат за правдина, ќе ја освојат. Ако се милосрдни, и нив ќе им се смилуваат. Ако се миротворци, ќе бидат наречени синови Божји. Ако се чисти во срцето, ќе го здогледаат Бога, зашто низ добрината ќе ја видат вистината. За Христос етичките квалитети се израз на својствата на личностите со одреден психолошки профил и морална определба.

Христос не ги откажува старите морални идеи, какви што се Десетте Божји заповеди, дури вели дека дошол нив вистински да ги реализира. Но, ќе постави и нова содржина на етиката; тој ја потенцира етичката височина на разбирањето, на сочувствувањето и на личната доблест. Во Стариот Завет стои: Не убивај! Исус кажува: “Ви велам дека секој што се гневи на брата си без причина, ќе биде виновен пред судот... Ако принесуваш дар на жртвеникот и

таму се сетиш дека брат ти има нешто против тебе, тогаш остави го дарот таму, пред жртвеникот, па отиди и најнапред помири се со брата си, а потоа дојди и принеси го дарот... Измири се со противникот твој навреме“. Помирливоста и братството се етичките пораки на Христос.

Моралната основа на секое дејствување Христос ја гледал во **чистата намера**: “Ако те соблазнува десното око, извади го и фрли го од себе; зашто подобро ти е да погине еден дел од твоето тело, отколку целото да биде фрлено во пеколот“. Сушноста на моралот е во чистотата на намерата, на мислата, на делото. Исус бара *себепрочистување*, откинување од заблудите и од грдите цели, инсистира да не го запоставиме себевоздигнувањето, да не ги следиме лошите примери: “Светило за телото е окото... Ако твоето око биде чисто, и целото твое тело ќе биде светло - ако, пак, твоето око биде лошо, целото тело ќе ти биде темно“. Човек мора да направи избор, бидејќи доброто и злото се спротивни категории. Кој го следи исправното, тој не го сака лошото - како што и приврзаникот на злото не ги следи добрите обичаи, норми и дела. Исус велел дека не може да им се биде слуга на двајца господари, да им се служи и на Бога и на она што е негативно.

За однесувањето кон другите луѓе Исус препорачувал внимателност, почитување, разбирање и достоинство. Барал секој првин да води сметка за своите желби и постапки и за својот морал. Човек треба да биде етичен, пред сé внимавајќи на своето однесување. Христос ги разбира луѓето, им дава добри совети, но тој е строг етичар - ги покудува луѓето ако настапуваат неумерено, со пренагласена морални барања, и ако судат без вистинска мера: “Не судете за да не бидете судени, оти со каков суд судите, со таков ќе бидете судени; со каква мера мерите, со таква и ќе ви се мери“. Кога сакале да каменуваат некоја грешница, тој повикал најпрвин врз неа да фрлат камен оние кои никогаш не згрешиле (така таа останала жива). Исус најповеќе барал **простување**, зашто со простувањето се возобновуваат етичката енергија и довербата помеѓу луѓето: “Ако им ги простите на луѓето гревовите нивни и вам ќе ви ги прости вашиот Отец небесен - ако, пак, не им ги простите гревовите на луѓето, и вашиот Отец нема да ви ги прости вашите“.

Меѓу најзначајните етички совети на Христос спаѓаат оние за *реципрочноста* на моралната идеја и дело, а кои го актуелизираат **Златното морално правило**. Секој треба да води сметка и да се труди да постапува морално, заради себе, пред сé внимавајќи на своето однесување, од што може да следува универзализацијата на добрината: “Зошто ја гледаш раската во окото на брата си, а гредата во своето око не ја чувствуваш? Или, како ќе кажеш на брата си - чекај да ти ја извадам раската од окото, а, пак, во твоето око има греда?... Извади ја прво гредата во твоето око, па тогаш ќе видиш како да ја извадиш раската од окото на брата си“.

Грижата на Исус за спасување на луѓето е истовремено негово барање за нивни морален ангажман: “Влезете низ тесната врата: оти широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, и мнозина минуваат низ нив - а тесни се вратите и тесен е патот што водат кон животот, и малцина ги наоѓаат“. Оваа поука е општа за сите, за целото човештво Оние кои се однесуваат морално, вложуваат во себе, во својата иднина и во иднината на своите најблиски, тие се како оние разумни луѓе кои прават куќа на камен: “И заврна дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, оти беше изградена на камен. А секој оној, што ги слуша овие Мои зборови и не ги исполнува, прилега на човек глупав, кој си направил куќа на песок. И заврна

дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, и таа падна, а паѓањето ѝ беше страшно“.

Новата религија *христијанство*, наречена според својот Бог-пророк, стана еден од најразвиените етички системи, во кои почитувањето на Бога и барањето на својот пат оди напоредно со длабокото почитување на моралот. За неморалните самиот Христос велел: “Никогаш не сум ве познавал; **бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!**“

Исус е персонификација на одговорен морален субјект кој оформува и реализира еден совршен морален модел. Христијанскиот морал наложува сите да бидат носители на љубовта, мирот и трпеливоста. Ако некој биде удрен по образот, не треба да се обидува да се одмазди и да го возврaќа ударот, туку "да го сврти и другиот образ". Тој возвишен клуч на **трпеливоста** лежи и во основата на Христовото жртвување за доброто на луѓето. Идеалната етика на братството, апсолутната моралност и благородното спасение е придружена со страдалничката судбина на Исус Христос. Кај него пастирската улога е паралелна со личната позиција на благо и страдалничко јагне.

Затоа Божиќ и Велигден се најзначајни денови на христијанството (а и на целиот свет). На првиот од овие денови се родил најблагородниот од сите (Божиќ се слави како ден на љубовта спрема животот и ден на породот-децата). На Велики петок најдобриот од сите Исус Христос бил осуден од лошите и злобни луѓе и распнат како најдолен разбојник. Тој воскреснал во мугрите на Света недела (Велик ден). Христијаните сметаат дека со тоа се потврдени Христовата божествена природа и вистинитоста на неговите зборови. Со своите патила и смрт на крстот Христос го потврдил своето ангажирање и жртвување за доброто на луѓето, своето бескрајно пледоаје за љубов и за простување помеѓу луѓето, иако самиот бил осуден и убиен од нив. Жртвата на Исус Христос е извршена за избавување на целото човештво како страдалнички вид од затворениот круг на човечката животна безизлезност, во чија градба учествува и неморалноста. Исусовата **жртва е еден од највисоките етички акти** во човечкото постоење, ја докажува силата на човечкиот дух и на силата на принципите на правилно насоченото суштество, кое нема да потклекне дури и ако му се закануваат најстрашни опасности.

Етичката личност и пример на Исус Христос укажуваат на нужноста од **лично усовршување** - што значи пат кон спас на човекот и на човештвото, кон изградба на живот и на заедница во која луѓето ќе се почитуваат и меѓусебно ќе се сакаат.

И во нашата епоха, два милениуми по дејноста и страдањето на Христос, се развиваат творечките придонеси на христијанската етика - **Мајка Тереза**, **д-р Алберт Швајцер**, **д-р Мартин Лутер Кинг** се најпознатите морални личности на новата ера, а тие се христијански свештеници. Папата **Јован Павле II** (1920-2005), првиот римски епископ со словенско потекло, мошне значаен верски водач во современата епоха, автор на многу етички книги и на етички учебник, борец во полската подземна армија против нацистите и наставник по етика (во Лублин, 1954-1978, кога е избран за Папа), тукушто е прогласен за *светец*, личност која со своите дела и поуки ги плени религиозните и етичките чувства на верниците. Моралниот пример и зборови на Исус Христос се надеваме дека ќе помогнат во изградбата на етика за тешките времиња што надоаѓаат. Од безбројните дела на философите, богословите и етичарите, кои веќе два милениуми ги опишуваат смислата и пораките на Исус Христос, укажуваме само на една популарна книга со морална поука "**Следете го Христа**" од *Тома Кемписки* (1379-1471), преведена на сите јазици, во која етичките идеи на

великанот на моралот се претставени како возбудлива човечка животна цел и инспирација.

**Етички мисли на Исус Христос**

**“**Љубете го ближниот свој како самиот себе!**“**

“Сé она што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие!“

“Гледајте да не ја покажувате својата праведност пред луѓето, за да ве видат... И кога даваш милостиња, не разгласувај, како што прават лицемерите, за да ги фалат луѓето... И кога се молиш, не биди како лицемерите, што сакаат да се покажуваат пред луѓето. “

# 22. Апостол Павле
## ВЕРУВАЊЕТО ДОНЕСУВА ДОБРИНА



Особено значајните морални поставки се изнесуваат во континуитет. А оние кои застапуваат една определена етичка насока се често инвентивни толкувачи, не само компилатори, повторувачи на основната морална идеја. Дури и на највежните етички доктрини не им се потребни само добри дејци во нејзиниот дух и лојални бранители, туку и автентични објаснувачи. Најраширената етичка концепција, онаа на Исус Христос, покрај милијарди следбеници имаше и илјадници вредни, исклучителни толкувачи. Еден од првите кои ги пропагираа нејзините вредности, истовремено најмногу придонесе за прифаќањето на христијанската религија и етика. Тоа е свети Павле, кој **креативно ги објасни нормите и значењето на христијанската вера и етика**.

Тој станал апостол на барање од Христос. Под името **Савле** е роден во малоазискиот град Тарс во 4 година н.е. Овој исклучително образован врсник на Исус престојувал во Ерусалим истовремено кога таму дејствувал и бил распнат Христос. Нема сведоштва дека тогаш Исус и Савле се сретнале. Овој дури учествувал во прогонувањата на првите христијани. Тогаш му се појавил воскреснатиот Христос: "Стани и исправи се на нозе! Ти се јавив за да те поставам за слуга и сведок... и да одиш кај народот да му посведочиш". Савле го зел името **Павле** и станал неуморен **проповедник на христијанството**, кого го ширел низ Арабија, Мала Азија, Македонија, Грција, Кипар и Италија.

Крајот на неговата дејност се случил во царскиот град Рим, каде што веќе бил најстариот апостол **свети Петар**. Двајцата се убиени истиот ден - на 29 јуни 64 година - кога под царот Нерон започнале големите прогонувања на христијаните, што ќе продолжат два и пол века. Петар го распнале пресвртен на крстот, а на римскиот граѓанин Павле му ја пресекле главата. Иако не бил личен ученик на Исуса и не го следел лично и непосредно, свети Павле е признаен како рамен на апостолите, изворните ученици на Христа.

Основните извори на христијанството се изнесени во Новиот Завет. Во **четирите Евангелија** се раскажува за појавата, учењето и страдањето на Исус, а во другите делови за дејноста на неговите ученици при ширењето на верата и за очекувањата што ќе се случи натаму во историјата. Третина од Новиот Завет се посланијата на свети Павле. Во нив тој дава **религиски, организациски и етички поуки за христијаните**. Влијанието на свети Павле врз христијанската вера и етика е поголемо и потрајно од сите други мислители и дејственици. Тој живеел за новата вера. Како сите апостоли, и тој имал занает - изработувал шатори и од тоа се хранел. Затоа е јасно неговото настојување црквата да се издржува сама. Патувал од место до место, проповедувал, привлекувал нови верници, а таму

каде што имало христијански заедници ги учел верниците како да се однесуваат во духот на христијанството - лично и помеѓу себе. Така било и во Македонија, во градовите Филипи, Солун и Бер. Со својата дејност свети Павле ја направил Македонија библиска земја, а Македонците ги ставил во редот на библиските народи. Од сите апостоли тој сторил најмногу за ширењето на христијанството кај оние кои не биле Евреи и припаѓале на паганството, односно дотогаш не биле привrзаници на монотеизмот.

За делото на свети Павле е кажано: "Исус е творец на христијанската религија, Павле е сигурно творец на христијанската црква". Свети Павле објаснил дека Исус не е само голем пророк, туку дека има божествено потекло. Смртта на Христос се случила заради човечките гревови, особено заради првичниот, пратaтковски грев. Христос умрел за на луѓето да им бидат простени гревовите. Никој не може да биде спасен само со своите дела, туку мора да го прифати Христоса за да добие простување на гревовите. **Клучот на живеењето и на надежта е верувањето во Христос**, љубовта кон Христос и следењето на неговите поуки и дела. Затоа, според свети Павле, не треба да се спроведуваат класичните еврејски прописи за храната и за обредите, нема потреба од обрежување и други слични налози.

Свети Павле проповедал дека треба меѓусебно да се сакаме, да живееме во мир, да им помагаме на слабите и бедните. Треба во себе да ги воспитувме добродетелите Чесност, Верност, Смиреност, Добрина, Милосрдност, Самоконтрола. Ја осудувал избувливоста и љубоморатa, завидливоста, караниците и горделивоста. Според свети Павле, сите луѓе се стремат кон среќа. И во овој и во идниот свет среќата зависи од постигнувањето на Божјата благодат. За нејзино освојување не е достатно да се исполнува Законот (од Стариот Завет). Тоа води до сознание на гревот, но го остава човекот беспомошен во исполнувањето на Божјата волја. Основната точка за духовниот живот е *крстот* на Христос. Бог пуштил оваа совршена личност да биде распната за да го преземе гревот на луѓето. Свети Павле бара од луѓето единствено да го примат со вера Христовото дело: "Господ нека ги управи срцата ваши кон љубовта Божја и трпението Христово".

За преданоста свети Павле рекол: "Ме чекаат окови и маки. Но јас не се грижам за ништо, ниту, пак, ми е мил животот, стига само со радост да ги завршам патот и службата, што ја примив од Господа Исуса". За него база на моралноста е соединувањето на верниците со Христос преку вера. Оваа вертикална релација е основа за хоризонталната релација на луѓето и верниците преку христијанската љубов. Тоа е и основна и врвна моралност. **Однесувањето треба да се гради врз христијанската љубов**. Соединувањето со Христа е извор на љубовта и етичноста. За моралот е важно воздржување од осквернувања, неморалност и пијанство, кои се основни гревови на паганите. Но, моралот е и служење на другиот, емоционална врска и посветеност другому, како и непоколеблива чесност. Така кон моралните идеи на Стариот Закон се додава љубовта помеѓу луѓето, во семејството, помеѓу ближните и во заедницата. Високите морални норми и блескавото однесување ги претставија христијаните како најморални суштества. Свети Павле и другите верници сведочат за етичките димензии на христијанската личност, која се посветила на славата Божја и на доброто за човекот. За нив верата е единственото средство за спас на човекот, од неа следува и неговиот морал, во кој чувството за должност и за добрите дела произлегуваат од љубовта кон Христа, што е корен на сета христијанска теологија и етика.

Во прочуеното **Прво послание на светиот апостол Павле до Коринтјаните** во Новиот Завет (гл. 13) се наоѓа следнава прекрасна **Химна на**

**Љубовта**. Бидејќи љубовта е чувство што ги определува сите доживувања и постапки на луѓето и од неа зависи човековиот однос кон светот и животот, религиозната песна убаво зборува за смислата и вредноста на оваа највредна емоција: "Да зборувам на сите човечки јазици, па дури и на ангелски, штом љубов немам, ќе бидам бакар, што ѕвони, или кимбал, што звечи. Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да ги имам сите знаења за сите работи, а и така силна вера, што и планини да преместувам - ако љубов немам, ништо не сум. И да го раздадам целиот свој имот, да дозволам телото да ми изгори - штом љубов немам, ништа не ми користи. Љубовта е долготрпелива, полна со добрина, љубовта не завидува, љубовта не се превознесува, не се гордее, не прави што е непристојно, не бара свое, не се срди, не мисли зло, на неправда не се радува, а на вистина се радува, сé извинува, во сé верува, на сé се надева, сé претрпува. Кога бев дете, зборував како дете, како дете мислев, како дете размислував; а кога станав маж, го оставив детинското... А сега остануваат овие три работи: **верата, надежта и љубовта**; најголема меѓу нив е љубовта" (потсетувам дека нашиот другар Љупчо Патче од Охрид, како завет, има изградено капела Вера, Љубов и Надеж во Лагадин, каде на брегот на Охридското Езеро на 30 септември народот се собира во чест на денот на Св. Софија и на трите основни христијански вредности - а неколку години за спомен на 2 милениуми од Христа и на нашиот најзначаен етичар свети Климент Охридски правевме во Охрид и јавни трибини за христијанската етика).

За свети Павле **моралноста е дел од духовната супстанција на човекот**, таа е негова природа. Но, таа треба да се реализира. Таа е **потенцијал, чие реализирање зависи во личноста**. Милосрдноста на Бога се остварува само со осуштествување на неговите основни пораки: "Како тоа, учиш други, а себе не учиш? Ти, кој проповедаш да не се краде, а крадеш; кој велиш да не се врши прељуба, а прељубодејствуваш; ти, кој се гнасиш од идолите, а крадеш од храмот; ти, кој се фалиш со Законот, а престапувајќи го Законот, Го срамотиш Бога?"

За свети Павле злото, природната расипаност, не е суштина на човечката природа. Тој верува во паѓањето на луѓето. Поматувањето на природниот закон води кон морални изопачувања: "Тие ја заменија вистината Божја со лага... Бидејќи не се обидоа да го имаат Бога во умот свој, тоа Бог ги предаде на изопачен ум - да го прават она, што не прилега: исполнети со секаква неправда, блудство, лукавство, користољубивост, злоба; со завист, убиства, расправии, измами, лоши нарави, оговарачи, клеветници, богомрасци, силеџии, фалбаџии, горди, измислувачи на зло, непослушни кон родителите, неразумни, неверни, недружељубиви, непомирливи, немилостиви..."

Човекот може да ја развие својата подобра страна. Свети Павле понудува оптимистичка философија, чиј дел е и мелиоризмот; поправањето е можно и задача е на личноста: "Да го отфрлите од себе стариот човек според вашето поранешно живеење, кој се распаѓа во измамливите желби, да се обновите со духот на својот ум и да се облечете во **новиот човек**, создаден според Бога во правда и светост во вистината". Свети Павле вели дека секој може да ги надмине злите ограничувања: "Не дозволувајте вашите органи на гревот да станат орудија на неправдата, туку препуштете се на Бога како оживеани од мртвите, а органите ваши да станат орудија на правдата. Гревот не треба да господари над вас".

Затоа за свети Павле страдањата и жртвата на Исус биле нужност, за да дојде до самосознание и искупување на човекот. Христос е Месија, кој дошол и го спасил човекот. Неговата судбина е неопходна заради големите животни и

етички проблеми на луѓето. Тие се заглавени во случувањето од кое не знаат и не можат да најдат излез. Божја милост и спас тие можат да најдат преку прифаќањето на смислата и пораките од Христовата љубов и жртва. Христијанската вера стапува на местото на обичниот морален закон. Без верата во Христос и воскреснувањето не би имало моралност, храброст во страдањето, човештина во преданоста и доблест во однесувањето кон ближните во сострадањето. Без верата, на човекот му останува само грубата сетилност. Верата во Христа значи живеење според неговиот образец, целосна предаденост кон оние вредности, цели и карактеристики на личноста кои се јавиле со појавата, судбината и учењето на Исус. Тој е виша морална сила, религиозна и етичка инспирација. Треба да се живее во суштествена заедница со Христос - постоењето во него истовремено е и во нас постоење на Христос како морално беспрекорна боголичност.

Со тоа се отворени нови полиња во етиката, во концепирањето на должностите и нормите. Нема повеќе морален закон кој отстрана му се наметнува на човекот, туку тој е непосредно во човекот и неговата волја; со верата во Христа и со заедница со него, личноста се здобива во себе со божественото. Во животот настапува повиша, одуховена, морализирана природа на човекот. Извршена е **морална преобразба**, која св. Павле ја согледува во целината на човековото постоење и во типот и содржината на моралот. Тој истакнува дека Исус рекол: "Поблажено е да се дава, отколку да се зема". Оттука следуваат и практични морални норми: "Откако ја отфрливте лагата, кажувајте си ја вистината секој на својот ближен, бидејќи сме членови еден на друг. Гневете се, но не грешете... Кој крадел, да не краде повеќе, а подобро е да се труди, правејќи добро со рацете свои за да има што да му подаде на оној, кој што има потреба. Ниеден лош збор да не излезе од устата ваша, туку само добар, за издигање каде што треба, за да им принесе благодат на оние што слушаат... Секое огорчение и јарост, гнев, викање и хулење нека бидат подалеку од вас заедно со некоја друга злоба, а еден спрема друг бидете добри, сочувствителни, проштевајќи си еден на друг". Така од верата произлегува концентрација врз доброто, сознанието дека правењето добро е вистинска насока на живеењето и единствен начин на правилно постапување.

Свети Павле бил убеден дека заедно со Христос ќе се развие етичка возобнова, дека човештвото ќе тргне по нови патишта - дека настапила конечната пресвртница кон доброто во човештвото. Христовото страдање е директен етички образец. Исусовата жртва и љубов го насочуваат човекот кон херојството на самопреданоста. Етиката се гради врз душевната сила и хуманоста - луѓето стануваат нечувствителни за сопствените страдања и чувствителни за туѓата болка. Најблагороден не е оној кој нема омраза или се затвора пред светот, туку оној кој своето најдобро го жртвува за светот.

Свети Павле е **првиот и најголем објаснувач на христијанската етика**. Тој е најзаслужен за претворањето на христијанството од еврејска секта во интернационална религија (со најголем број верници во двата милениуми, како и денес во светот). Неговите толкувања за божественото потекло на Христос, за простувањето на гревовите преку верата и за суштествената поврзаност на верувањето и моралот се основа на сите христијански цркви, кои и него го почитуваат и слават. Големите теолози се повикуваат на него и ги следат и развиваат неговите идеи. Свети Павле спаѓа меѓу најзначајните етичари во светската историја.

Прилог кон христијанската критика на неморалноста нека биде списокот на *неморални намери и постапки*, нацртани врз долгата змија на ѕидот на

црквата Света Петка во Охридско, "нашиот Ерусалем": Лага, Кражба, Суета, Алчност и Прејадување (чревоугодие), Мрзеливост, Сребројубие, Неправда, Завист, Гнев, Горделивост, Злонамерност, Убиство, Блудство, Прељубништво, Ерес, Немилосрдие. Фреските и иконите биле своевидни нагледни прикази на Евангелието и на другите христијански светии, така и оваа слика е директен потсетник на ужасите на човечката несвесност, зло и неморал.

**Етички мисли од свети Павле**

“Никому не враќајте зло за зло, а размислувајте пред сите луѓе за тоа што е добро. Ако е можно, доколку тоа зависи од вас, бидете во мир со сите луѓе. Не одмаздувајте се.“

“Не дозволувај злото да те победи, туку победи го злото со добро.“

“Според дадената благодат имаме разни дарби: ...служба ли, нека служи; учител ли е - нека учи; наставник ли е - нека утешува; дарител ли, нека дарува; управител ли е, нека управува; кој што прави, нека го врши тоа *со добра волја*. Љубовта нека не биде лицемерна; **отстранувајте се од злото, прилепувајте се кон доброто**; еден спрема друг бидете љубезни со братска љубов; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг. Во усрдноста да не сте мрзливи; духот да ви биде огнен.“

“Браќа, не паѓајте со духот кога вршите добро.“

“Ви го заповедавме ова - кој не сака да работи, нека и не јаде.“

# 23. Епиктет
# СЛОБОДАТА НЕ МОЖЕ НИКОЈ ДА ТИ ЈА ЗЕМЕ




Етиката дава насоки за живеење и затоа се смета дека со неа треба да се занимаваат најсилните и најстабилните луѓе на општеството. Голем број религиозни и национални водачи имале (или подоцна се здобиле) со исклучително силен морален статус. Меѓутоа, наметнувањето на етичките принципи личи понекогаш на *хетерономија*, која особено е несакана и проблематична кога заповедите идат од политичките врвови (во форма на *политономија*), кои не се секогаш докрајно морално исправни и совршени. Во историјата на етиката има многу спротивни случаи, кога **најзначајните етички вредности и норми се искажани од луѓе со ниска социјална положба**, но чии ум и совест изнедриле духовна сила која им овозможила да заземат почесно место на авторитет во оценувањето на морално релевантни ставови и постапки. Познатиот антички етичар Епиктет бил роб, но неговите морални концепции се меѓу најзначајните за сите времиња.

**Епиктет** бил роден како роб во 50 година н.е. во Хиераполис во Мала Азија. Го купиле и го однеле во Рим во куќата на еден моќен гардист на императорот Нерон. Во младоста Епиктет ја загубил ногата и целиот живот куцал. Но, имал достоинство, бил умен и снаодлив, и тоа било забележано. Господарот ги користел интелектуалните услуги на својот потчинет, а подоцна го ослободил. Епиктет уште како роб ги слушал предавањата на благородникот *Гај Мусониј Руф*, стоички философ, кој отворил философска школа не за да заработува, туку за да ги истражува моралните вредности и да предава етика. Кога на Епиктет му е подарена слобода, тој отворил своја философска **школа**.

Некои римски императори (Нерон, Веспазијан) ги гонеле философите од Рим заради нивната критика на режимот или на неморалните обичаи, како и заради нивната духовна и чесна работа и однесување, што не им се допаѓале на моќните диктатори. По некое време научниците повторно се враќале назад. Во 94 година Домитијан дал заповед сите философи да бидат изгонети од Рим и од Италија. Епиктет отишол во Никополис во Епир, каде што отворил школа, која ја посетувале слушатели од сите краишта на империјата. Го нарекувале "рицар на философијата" и "папа (врвен поглавар) на философите". Запишано е дека царот Хадријан го посетувал балканскиот професор и разговарал со него. Учењето на Епиктет го наведуваат како **пример за стоичката етика**. Епиктет умрел во 120 година.

Епиктет е еден од оние славни мислители, особено етичари, кои самите ништо не запишале, туку своите идеи ги искажувале само усно. Но, имал вредни ученици, помеѓу кои се истакнувал **Флавиј Аријан** (105-180), писател на дело за походот на Александар Македонски. Според примерот на *Ксенофонт*, кој ги регистрирал и објавил разговорите на *Сократ*, и тој водел белешки за разговорите и идеите на својот учител. Така денес имаме неколку беседи од

Епиктет и една книшка “Прирачник“ (*Енхиридион*), кои укажуваат на оригиналноста и длабочината на Епиктетовата етичка позиција.

Во овие дела има **само етички поуки**. Епиктет бил од оние мислители кои **етиката ја сметаат за суштина на философијата**, а не само за нејзин врв, некој вид ефективен заклучок на философското мислење. Философската размисла служи за да се допре до смислата на живеењето и ги открива вредностите кои треба да се следат во животот. Тоа евидентно го покажува и *дијатриба* - философскиот метод што го користел Епиктет. Дијатриба е мала етичка расправа, вид лесен разговор, без многу докажување и научно аргументирање, во којшто се споредуваат живи слики од животот или од литературата. Сознанијата на Логиката, со кои особено се истакнувале стоичките мислители, на Епиктета му служат за докажување на етичките погледи. И Космологијата, учењето за природата, според стоиците трет дел од Философијата, Епиктет ја спомнува само ако некое физичко истражување има етичко значење. Кај Епиктет, **Етиката е главен дел на Философијата, нејзин центар и смисла**. Но, има кажано: “На обичните луѓе не им зборувај многу за философските принципи, туку постапувај според нив“.

Настапот на Епиктет е допадлив, привлечен. Тој не зборува за моралот со суви зборови, со тежок научен јазик. Тој е мислител за животот и за неговите добрини, за она што треба и мора да се прави. Епиктет говори од душата, од својата внајинтимна сфера, од длабочината на своето срце, ги изнесува своите животни сознанија како општочовечки правила за постапување. Тој сака да ги поттикне луѓето да бидат справедливи, тежнее да ги отклони од злото и да ги поправи. Тој гради прав пат, по кој луѓето можат слободно да одат сигурни дека нема да згрешат. Тоа е **ефикасна моралност**. Тој себе си се смета за Божји гласник, кој на луѓето треба да им покаже што е добро, а што зло, “бидејќи тие талкаат и сушноста на доброто и злото ја бараат таму каде што ја нема, а не ја забележуваат таму каде што таа е“. Ако човекот нашол некого кого да го подучи, на овој му останува тие учења да ги применува во животот. “Само со тоа можам да се гордеам“ - велел Епиктет.

Основата на моралноста е чувството на добрина-исправност-блаженство, што го има секој мудар човек. Општата идеја на стоиците е дека човекот треба да ја следи природата и да биде “она што е“, “за што е создаден“. Епиктет тука говори за човековата внатрешна слобода. Тој е идеолог на **слободата** сфатена како моќ и како основна цел. Човекот најнапред не се стреми кон уживања, ниту кон некаков развиток. Тој има изворен **нагон да живее онака како што посакува**. За Епиктет слободата е основно начело на живеењето: “Слободен е оној кој живее онака како што сака, кој не може да биде натеран на нешто, ниту ограничен, над кого не може да се направи насилство, чии стремежи не можат да бидат попречени, кој секогаш го постигнува она што го посакува и никогаш не доаѓа во ситуации од кои има желба да избега“. Според Епиктет, никој не сака да живее во заблуди, да биде измамен, да суди пребрзо, да биде несправедлив, разуздан, мрзоволен и малодушен, никој не сака да биде луд (бидејќи луд човек не може да живее слободно), никој не сака да тагува и да се плаши, да завидува и да сожалува, никој не сака копнежи кои не се постигнуваат, никој не сака неволји и е против тоа да му се случуваат - бидејќи таквите луѓе не се слободни.

Слободата е огромна сила на човековиот живот. Таа се согледува кога секој својата положба ќе ја спореди со основните карактеристики на слободата. Во тоа време на политичка и лична несигурност, самиот со страдалничко искуство на роб, Епиктет инсистира на потребата, благородноста и моќта на слободата. **Кој има слобода, тој не е беден**. Но, не се слободни оние кои се

“поклонуваат пред другите и им се додворуваат“, “кои постапуваат против своите уверувања“, “кои тоа го прават заради ручек“ или “за да добијат намесничко или конзулско место“. Оние кои тоа го прават за ситни нешта, Епиктет ги нарекува *мали робови*, а оние кои тоа го прават за нешто поголемо, за него се *ѓолеми робови*. Слободата е нешто самостојно, таа својот принцип го има во себе. Затоа Епиктет посочува дека не треба да се гледа на дедовците или на родителите, дали тие биле робови, или дали некој од нив е продаден или купен како роб, туку да се види дали некој страсно кажува “Господару!“, тогаш тој е роб дури и ако е големец. А кога некој вели “Јас сум страдалник, ах што се́ морам да трпам“, и тој е роб. За роб треба да биде сметан секој кој плаче, кој е незадоволен или има зла волја. Слободен е оној кому ништо не му пречи и никој не може да го натера да направи нешто против неговата волја: “Слободен е оној кој не посакува ништо што е туѓо“. Туѓото е она што не зависи од нашата волја. И телото ни е туѓо, и имотот ни е нешто туѓо. Ако кон овие нешта човекот се прилепи како кон нешто важно, ќе го плати данокот на неслободата. Кон ослободување од ропството води неподреденоста на волјата, самосвојното решавање, несогласноста за покорност спрема никого и спрема ништо.

Етиката, според Епиктет, се раѓа кога ќе почнеме **да разликуваме што е во нашата власт и што е она што не го владееме**. Ние имаме моќ над нашата волја, но немаме над стварите и над околностите на надворешниот свет. Философијата за Епиктет служи да не́ обучи да го разликуваме она што е наше од туѓото. Своите желби и недопаѓање треба да ги ограничиме на она што ни припаѓа, а во другото да гледаме нешто што нас не не́ допира. Треба да оствариме **автракија** (слобода од потребите, независност од желбите). Така човекот може да стане слободен. “Единствено умот решава што е добро а што е зло“ - истакнува Епиктет.

Клучот на моралноста е во *самоконтролата*, во *воздржаноста*, во создавањето карактер кој човекот може да го води кон совладување на афектите и нагоните, на животните страсти и на пожудата. Тоа се нарекува **апатија** (*бестрасност*), разумност, воздржаност, како висока етичка цел. Со таквиот *рационален* однос спрема измамливите предизвици од овој свет човекот може силите да ги сконцентрира кон вистинската цел - кон **здобивање морална слобода**.

Прочуениот лозунг на Епиктет гласи: **Поднесувај и воздржи се**! (Sustine et abstine) Оваа етичка порака зборува за себепоттикнувањето, за моралното себевоздигнување, за настојувањето и трудењето да се направи добро. Поуката на Епиктет е аскетска, но активистичка; не станува збор за повлекување од светот, или за заменување на едни добра со други, туку за давање личен придонес за својата доблест и ослободеност. Личната димензија на овој став е јасна: “Ако сакаш да се извежбаш во поднесувањето на напори, прави го тоа за себе, а не за другите“.

Кон исклучителните учења од Епиктет треба да се приклучи и неговата автентична **космополитска** позиција. Хеленистичката епоха го отвори целиот свет за умовите. Повеќе беше бесмислено да се зборува негативно за туѓинците, кои не се Хелени, небаре се неучени варвари (од “бар-бар“, што подбивачки се наведувало, божемски тие зборуваат неразбирливо). Ни во Рим претходно немаше огради кон дојденците или кон идеите од сите страни. Епиктет како *философ на разбирањето помеѓу луѓето*, самиот по потекло роб од друг крај на светот, во Рим проповедаше дека сите луѓе се еднакви според човечките својства. Слободата и Моралот имаат вредност без оглед од каде потекнуваат. Тој велеше дека сите луѓе се деца Божји, за никого не е судбински од кој крај

потекнува, секој е “граѓанин на светот“ (космополит). Епиктет не правел етичка разлика помеѓу богатите и сиромашните, господарите и робовите; **луѓето се одликуваат според своите морални својства и етичката насоченост**. Сите луѓе се роднини, затоа Епиктет предлагал и одгледувал љубов за сите луѓе.

Епиктет творел во времето на бурни општествени промени, кога настанувала нова ера на човештвото. Наскоро христијанските етички идеи ќе почнат да се шират низ Римското Царство, а потоа и низ целиот свет. Губеле влијание етичките учења и пораки со малечка вредност, кои се занимавале со човековата ситна моралност и со ограничената човечка секојдневица. Напоредно со грандиозниот христијански морал се ширело и опстојувало етичкото учење на Епиктет. Последниот стоик царот-философ Марко Аврелиј го сметал Епиктета за свој учител и го споменува со пиетет во своето дело. Етичките беседи и пораки од Епиктет ги примале и христијаните како суштествени, дури многу пати ги цитирале и свештениците. Разумниот, разбирлив и строг морал на Епиктет ги обедини двете цивилизации - античката и христијанската.

Денес, во ерата на глобализацијата, повторно станаа многу важни проблемите на личната слобода, на себевоздржувањето, на функционалниот морал како форма на добра волја за правење добро, и на себе и на другите. Затоа Епиктет повторно е актуелен, се чита и се студира, а понекогаш неговите совети и се послушуваат.

**Етички мисли од Епиктет**

“Луѓето не ги вознемирува ништо освен нивното мислење за нив самите. На пример, смртта не е страшна (инаку и на Сократ би му изгледала таква), туку самата мисла дека смртта е страшна е она што вознемирува.“

“Не барај сѐ да се случува онака како што сакаш ти, туку прифати сето да биде онака како што се случува - и ќе бидеш среќен.“

“Во животот треба да се однесуваш небаре си на гозба: кога некој ја носи чинијата и те послужува, пружи ја раката и земи си скромен дел; ако чинијата ја носат натаму, не запирај ги; ако уште не стигнала до тебе, не насочувај ја својата желба кон храната, туку чекај додека не дојде твојот ред.“

“Твое е само да ја изиграш добро улогата што ти е доверена (дури и изборот на улогата е работа на други).“

“За татковината е достатно ако секој си ја извршува својата работа... Каков однос треба да заземеш кон државата - треба да бидеш совесен, да ја чуваш и да ѝ останеш верен. Ако сакаш да сториш нешто за татковината, и за тоа си готов да ја жртвуваш својата морална добродетел, како би можел да ѝ бидеш од полза ако станеш нечесен и неверен.“

## 24. Цар Марко Аврелиј
## РАМНОДУШНОСТ И ДУХОВНА СТАБИЛНОСТ



Некои политички големци биле и значајни етичари - не сите политичари биле лоши луѓе и незаинтересирани за етиката на своите заедници. Некои од нив дале голем придонес кон развојот на човештината и на етичките концепции, како индискиот крал Ашока, или американскиот претседател Абрахам Линколн... Некои од нив ги прифаќале учењата на големите мислители и ги спроведувале во практиката, а некои дури давале свој теоретски придонес кон потрагата по доброто и кон развојот на моралот. Но, само еден бил **вистински цар-етичар** - Марко Аврелиј.

**Марко Аврелиј** е роден во 121 година во Рим во угледно семејство. Како умно и талентирано момче бил посинет од царот Антонин Пиј, кој го зел за наследник на престолот (тој обичај во таа епоха дал неколку одлични владетели на огромната Римска Империја). Најдобрите учители во царството го подучувале и подготвувале Марко за високата должност. Имал извонредни својства, а го засакал и царот Хадријан, кој во шега го нарекувал "Вистинољубец". Марко Аврелиј во 25-та години ги добил "Мислите" од Епиктет и тие толку го фасцинирале, што тој сосема ѝ се препуштил на стоичката философија. Оттогаш Марко Аврелиј живеел според етичките начела на големата стоичка школа.

Во 161 година Марко Аврелиј станал император. За време на неговото владеење конзули и државници биле не само неговите учители, туку и други философи. Аврелиј често ја кажувал Платоновата изрека дека народите ќе станат среќни дури тогаш кога или философите ќе станат кралеви или кралевите ќе станат философи. Во тоа време царството го снашле големи неволји - пустошења, глад, чума, економско опаѓање, но сепак се смета дека Аврелиј добро владеел, бидејќи умеел да ја спои философската мудрост со политичката вештина. Меѓутоа, и покрај доброто владеење тој не бил среќен, заради развратниот живот на жена му Фаустина (која Аврелиј ја сакал, а таа него не) и заради лошите својства на неговиот син Комод. На крајот од животот Аврелиј ја направил својата најголема грешка. Наместо да посини доблесна личност, Марко Аврелиј за наследник го поставил својот 15-годишен син Комод (можеби бил убиен и тоа се случило како вид дворски заговор?). Од оваа грешка и од исклучителниот неморал на Комод (сличен на аморалноста на Нерон - што е претставено и во филмот "Гладијатор") произлегоа големи граѓански војни - тој период оттогаш се смета за најнесреќен за царството. Марко Аврелиј умрел во 180 година во Виена.

Делото на Марко Аврелиј е мошне значајно за етиката. За етиката е важно и пообемното дело од неговиот стоички претходник **Луциј Анеј Сенека** (4 пред н.е. - 65 н.е.), наречен *Филособ*, за разлика од својот татко со исто име, кој бил писател. Двајцата се родени во Кордоба, во Шпанија, која израснувала во мошне значаен и богат римски регион. Во Рим имал богата политичка кариера на квестор, па сенатор, но 8 години е изгонет на Корзика заради сплетки од царицата Месалина. Во 49 година е поканет од Агрипина да стане воспитувач на малолетниот Нерон. Се обидел да го воспита да не биде деспот (како тројцата претходници Тибериј, Калигула и Клавдиј), но не успева. Устоличен за император, Нерон го именува за конзул, но во 62 година паѓа во немилост. Сенека се повлекува и пишува бележити етички дела со стоичка ориентација. Се самоубил по заповед од својот полуден воспитаник.

Сенека мисли дека философијата не треба да биде некорисна расправа помеѓу стручњаци, туку "да учи на дејствување". Тој бара секој да постапува според своите принципи, живеењето да не биде противречно на зборовите. Философијата ја гледа како **лек**, кој ќе помогне во животот. Затоа неговите философски дела се главно практично-етички, со кои дава совети како да се живее и постапува. Ги следи стоичките учења, иако во тоа време во Рим (а и врз Сенека) имаат влијание и епикурејците, и платонистите. За Сенека душата, која е израз на бога, е затворена во телото, кое за душата е страно престојувалиште, кое во вистински час треба да го напушти. Од телото потекнува злото, а човековиот живот е борба со тоа зло: "Никој не е слободен кој му служи на телото".

Главни добродетели, според Сенека, се стандардните Храброст, Мудрост, Умереност и Праведност, а покрај нив и Воздржливост, Штедливост, Трпеливост, Постојаност, Благост. Прв Сенека ја истакна како посебна добродетел **совеста**, како чувар и безмилосен судија, кој ни бара одговорност за секоја мисла, збор и дело - совеста е конечен елемент на нашето мислење и дејствување. Како стоик, Сенека се прашува како може да постигнеме блаженство. Според него, тоа ќе се случи ако "живееме според природата, ако добродетелта ја засакаме како единствено добро, ако се чуваме од срамотата како зло", а положбата, моќта, богатството и здравјето ќе ги сметаме за нешто со *средна вредност*. Исто така важно е да имаме љубов кон сите луѓе: "Човекот е нешто свето за човекот". Сите луѓе се поврзани како божје дело. Не треба да се мразат ни робовите. Љубовта се однесува и на целиот свет, кој сиот му е татковина - тој се смета **космополит**.

Како многу философи пред него што определуваа врвен квалитет на мудрецот (*атараксија*, *апатија*), за Сенека тоа е **евпатија** (= добро чувство), кога умниот живее мирно и без афекти, без страсти, гнев и страв.

**Марко Аврелиј** размислувал слично. Во последните десет години од животот царот-стоик Марко Аврелиј пишувал **единствено философско дело**, кое се насловува "Разговори со самиот себе" или "За себе самиот" или "Сознај се себеси!" (стар хеленски принцип, којшто го прослави Сократ). Делото ги отсликува царевиот внатрешен живот и неговите стоички погледи, односно она што на Аврелиј му се случувало како цар-философ и како етичар и што и како тој размислувал за своите постапки и за човечката природа. Ова дело, пишувано на грчки јазик (тогашен јазик на интелектуалците), е еден вид **дневник**, напишан во форма на *афоризми*. Според питагорејското правило, што подоцна го прифатиле и стоиците (а денес се смета за битен начин на менаџерско однесување), секоја вечер царот-философ се прашувал што добро сторил тој ден и со што станал подобар, како и тоа што згрешил и како си ја оценува грешката.

Во дневникот особено е присутна исповедта кога бил најтажен, бидејќи тогаш најмногу сакал да разговара со себе, барајќи **утеха и потпора во философијата**. Царот искрено ги претставил своите болки и објаснува што тој како мудрец направил со тагувањето и со болките. Она што го има напишано ги претставува неговите најинтимни чувства и размисли.

Книгата на Марко Аврелиј е **едно од најпознатите етички дела** во историјата. Методот, искреноста, рационалноста, која тој ја предлага како животен став, и поучноста му дадоа голем углед на дневникот. Покрај неговите мисли за своите доживувања и постапки, покрај објаснувањето на стоичките погледи, тука има голем број негови **поуки** како треба да се однесуваме во одредени ситуации. На почетокот од дневникот Аврелиј им заблагодарува на боговите што имал добри предци и учители - од кои ја наследил благородноста и благоста на душата и од кои го прифатил обичајот да не посетува јавни забави, туку да учи дома од добрите наставници. Укажува дека имал добро семејство, роднини, пријатели и учители, од кои научил многу. Од мајка му научил да води умерен живот, да не прави лоши дела и да нема лоши мисли; од татко му ги наследил скромноста и мажественоста. На пријателите и на учителите им заблагодарува за тоа што го запознале со философијата. Марко Аврелиј им благодари на боговите зашто во ниеден момент не го довеле во искушение да им нанесе несреќа на добрите луѓе кои биле околу него, односно што никогаш не направил лошо дело, поради кое подоцна би можел да се кае. Веќе ова го определува духот на овој етичар и неговиот пристап кон моралот. Понатаму Аврелиј пишува за својот однос кон природата и нејзините закони; за моралниот напор на човекот да се здобие со внатрешно спокојство; за болката; за среќата во животот; и за смртта.

Марко Аврелиј е последниот голем антички претставник на стоичката философија и етика (такви идеи петнаесеттина векови подоцна на високо философско ниво ќе изложи Спиноза). Врз погледите на Аврелиј влијаеле пред сé Епиктет, Сенека, Сократ и други слични антички мислители. Стоиците сметале дека треба да се живее во хармонија со Природата, а тоа значи според општиот Ум, како смисла на целата природа и на општиот ред во светот, но и како својство на индивидуата. За да биде човекот постојан и да има хармоничен живот, би требало **да го слуша својот разум**. Човекот **никогаш не треба да дозволи да го носат страстите**. Не треба да се обѕираме на она што не зависи од нашата волја, треба да се остави настрана сé она што е лажно, случајно и непредвидливо, бидејќи тоа, како и страстите, го водат нашиот живот кон растројство. За да не се случува ова, човекот треба добро да се сознае себеси, а пред сé да изгради силна и енергична волја, која никогаш и никој не може да му ја измени. Спојот на волјата и разумот води до целосен, совршен човек. Значи, мора да се отфрли секоја слабост и чувствителност. **Волјата треба да се покорува на разумот** - тоа е базата на остриот стоички морал.

Според стоиците, човекот има **слободна волја**. Ако волјата ја насочи кон оние нешта кои зависат од него, а ги остави да се случуват слободно другите нешта кои не зависат од него, тогаш ќе биде среќен. Моралното добро за стоикот е најголемо добро. Сé што постои е или добро или зло, доброто секако треба постојано да биде избирано и следено - добродетелта е смисла на човечкиот живот. Злото треба во секој случај да се избегнува. Меѓутоа, постојат и нешта и ситуацији који не се ниту добри ниту лоши и тие не се интересни за човекот, всушност не потикнуваат од него и не му се важни ни за живеењето ни како инспирација за добродетел. Таквите нешта не го помагаат блаженството, а не создаваат ни особена неволја (убавината и грдоста, богатството и бедноста, здравјето и болеста, силата и слабоста, животот и смртта).

Доброто донесува полза, злото нанесува штета, а нештата во средина се без морално значење или имаат само релативна, а не апсолутна морална вредност. Спрема нив човек треба да се однесува **индиферентно** (стоиците ги именуваат *адијафора*).

Марко Аурелије, како сите стоици, мислел дека **умот е вистински извор на волјата** и тврдел дека човек во сите околности, и покрај непријатните доживувања и удари, треба секогаш да ја сочува својата **духовна рамнодушност.** Човечкиот ум потекнува од вселенската умност и претставува еден мал дел на божанскиот ум. Умот е дух кого божеството го дало на секој човек за да биде негов водител. Оној кој не се покорува на заповедите на духот-умот не само што делува безумно, туку и безбожно. Според тоа, **неморалноста претставува и безбожност**: "Со боговите живее оној кој секогаш покажува дека душата му е задоволна од она што ѝ е доделено и кој го прави она што го посакува демонот (т.е. божественото суштество), што, како дел од самиот себе, Зевс го определил на секоја единка како чувар и управител - како дух и разум на секоја единка".

Марко Аврелиј тежнее кон **етичко усовршување** и говори за моралниот напор на човекот да се здобие со внатрешен мир. Човекот најпрво треба да сознае во што се состои неговата слобода. За тоа треба да ја истражува природата, како и самиот себе. Во природата постои законитост, која човекот не може да ја промени, туку ќе постапи разумно доколку ѝ се покорува. Човековиот живот е само малечок миг кој брзо минува. Бидејќи животот е краток, барем остатокот од животот не треба да се помине во размислување за другите, освен ако тоа служи за општото добро. Ако човекот дума што работи овој или оној, ако се интересира за тоа што мисли другиот или што е неговата цел, тогаш ќе нема време за самиот себе.

Основното е **дали нешто е сообразно**, дали е соодветно за мене. При секоја работа, Марко Аврелиј советува да се запрашаме: "Дали тоа ми прилега? Дали по тоа нема да се каам? Набрзо нема веќе да постојам и сето ќе исчезне. Ми останува да направам нешто што е достојно за разумното суштество". Аврелиј истакнува дека не смее да се прави нешто ако тоа не е добро, да не се кажува нешто ако не е вистина. Човекот сам си е свој господар. На сѐ што прави треба да му пристапи **сериозно** и **со голема љубов** спрема работата и спрема луѓето.

Бидејќи природата ги создала сите суштества едни за други, **не треба да им се прави неправда на другите**: "Оној кој греши, греши против самиот себе. Неправедниот човек си прави зло на самиот себе, бидејќи со тоа се прави лош". Ако некој направил добро, треба да му се врати со добро. Но, прво треба на другите да им се направи добро. Тоа е *Златното етичко правило*, кого го познавал и уважувал и Аврелиј.

Најважно е човекот животот да го помине во согласност со природата, а на крај треба да се прости од животот без жал и да ѝ биде благодарен на природата. Затоа треба да ги отстрани сите мисли што го прават неспокоен и така да го сочува својот **внатрешен спокој**. Секогаш треба да му е на ум дека животот е краток и брзо минува. Не треба да го интересира што другите мислат за него, затоа што и тие ќе умрат брзо по него. Човекот ќе го најде својот мир доколку се **повлече во себеси**, доколку ужива во својата самотија и во внатрешноста на душата си ги сокрие најголемите скапоцености, како и основните правила, со чија помош ќе го разгонува неспокојството во себе. Тоа ќе му даде сила да го издржи сето што ќе го снајде во животот.

Според Аврелиј, не треба да се бара уживањето како добро, а да се избегнува болката како зло (што учеле епикурејците). Треба *рамнодушно* да се прифаќаат сите нешта што ги создала природата и да се прифати начинот како

таа ги распределила. Треба да се биде рамнодушен кон задоволствата и маките; кон смртта и животот; кон славата и поразот; кон болката и уживањето - односно кон нештата кои природата подеднакво ги испраќа. Основниот морален став на Аврелиј е **радост спрема природата** и **рамнодушност** кон сé она што се случува независно од нас самите. Човекот не треба да се стреми кон слава, не треба да се возбудува за ништо, туку да биде мирен, спокоен, слободен. Сите оние кои биле славни се заборавени по смртта. Целта на секој човек не треба да му биде славата по смртта, туку треба да биде справедлив, корисен за државата, да не лаже и спокојно да ја очекува секоја несреќа во животот. Човекот треба да биде спокоен и во ниеден миг да не се плаши за својата иднина. Таква е природата на разумните суштества. Човекот е господар на своите мисли, и затоа тој не треба да се возбудува за ништо, бидејќи она што е надвор од него не може да влијае врз неговата душа. Според Марко Аврелиј, човекот треба да биде **духовно стабилен**, не треба ништо да го возбудува, треба да го сака она што му се случува, сé она што судбината му го определила (ова Ниче ќе го преземе како лично мото - amor fati).

За да може вака да живее, човекот треба да ги совлада потребите, нагоните и афектите. Тие бараат да бидат задоволени, а тоа често не е можно. Тогаш кај човекот се јавуваат разочарување и болка, тој станува роб на своите желби и страсти. Човекот мора да се ослободи од нив. Единствено духот може да ја зачува слободата, ако се служи со својата сила: "Разбери дека во тебе постои нешто што е посилно и побожествено од она што ги предизвикува твоите страсти и што како кукла те влече на сите страни". Затоа за Аврелиј единственото убаво нешто е **философијата**, која помага да се дојде до правилен суд за нештата и за збиднувањата, како и да се совладаат животните тешкотии. Философијата се залага духот да се воздигне над болката и задоволството и ќе му помогне на човекот рамнодушно да ја очекува смртта како нешто што доаѓа најнормално и да не се плаши од неа, бидејќи сé е создадено за да умре и исчезне за на негово место да дојдат други луѓе.

Марко Аврелиј бара и пронаоѓа **начин како човекот најлесно да ги преброди проблемите и болките** - со повлекување во себе, со покорување на судбината како начин според кој се случуваат нештата, со живот во согласност со природата и нејзините закони, со воспоставување духовна рамнотежа и со спокојно очекување на сите предизвици. Неговото учење стана мошне влијателно и дури ќе биде од големо значење и за христијанството - иако и ваков душевен римски цар заповедувал прогони на христијаните, што два века беше општа римска полиитка.

Заради хуманизмот, етичката стабилност и поучност, делото на Марко Аврелиј било многу читано. Така е и денес, и натаму служи како морална поука за новите генерации.

Се разбира, освен Марко Аврелиј постоеле уште високи раководители кои биле професионални етичари и мудреци, а некои од нив се значајни за етиката - древните еврејски кралеви Давид и Соломон се автори на етички поуки; големиот мислител Томас Мор, кој го напиша прекрасното дело "Утопија", бил прв министер на англискиот крал Хенрик VIII (но тој од одмазда го осудил на смрт); во Женева ригорозно владееше религиозниот и етички водач Жан Калвин; Томас Џеферсон со философски насоки ја создаде Декларацијата за независноста на Америка; првиот претседател на Чехословачка како нова држава по Првата светска војна беше универзитетскиот професор по етика Томаш Масарик; првиот претседател на Бугарија во новиот демократски режим беше Жељу Желев, философ, прогонет автор на дисидентската книга

"Фашизмот"; првиот претседател на Чешка во новиот плуралистички режим беше големиот писател и мудрец Вацлав Хавел; тибетанскиот водач Далај Лама е значаен етичар (да не ги сметаме оние кои самите се прогласуваа или нивните апологети ги нарекуваа "класици" Ленин и Сталин, или најнеморалната личност во модерната епоха Хитлер, чија книга "Моја борба" беше основна идеолошка база за нацистичката власт и политика). Размислувавме дали да ги споменуваме бројните големци чија позиција е поврзана со етиката - или, пак, оние со неморалните амбиции, како хунскиот крал Атила и другите слични големи злосторници на човештвото. Овие го следеа негативното правило на **Николо Макијавели** (1469-1527) "Целта го оправдува средството" (иако тој не рекол токму така). Другите често внимаваа својата моќна позиција да не ја извалкаат со неморални дејства, како што препорачува Марко Аврелиј.

**Етички мисли од Марко Аврелиј**

"Не прави ништо што не би било заповед на разумот, твојот единствен цар."

**"**Направи го она што е потребно!**"**

"Биди како карпа од која брановите постојано се кршат. Таа стои неподвижна, а морето околу беснее и постепено се смирува."

***"Не кажувај дека треба да се прави добро, туку прави го!"***

# 25. Свети Јован Златоуст
# СО ЗБОР ЗА МОРАЛОТ



Во етиката **зборот е многу важно средство**. Луѓето си разменуваат ставови и се разбираат со кажаното, со зборовите соопштуваат во што веруваат и каде се насочиле, објаснуваат за што се заложуваат и што сакаат да постигнат, порачуваат и подучуваат, им посочуваат на другите што од нив очекуваат да сторат. Убавиот збор отвора и железна порта! - тоа е моралната поука за силата на речта. Затоа *беседењето*, вештината на искажувањето и уверувањето, е еден од главните методи за градењето на етичките погледи и цели. Големите етичари најчесто се исклучително вешти беседници. Во беседништвото особено се истакнуваат етичарите на христијанството. Во рамките на христијанската вера и духовна активност зборот е база за освестување и вдахновување на луѓето. Од силните христијански беседници, вистински углед ужива етичарот **свети Јован Златоуст**, кј кого што и со името што му го дале се истакнуваат убавината и сила на неговата реч.

Свети Јован Златоуст е еден од бројните бележити дејци од **IV век**. Во овој значаен период во европската историја имало важни настани и многу нови културни појави. Тогаш христијанството станало *светска религија*. Во 313 година со Миланскиот едикт тоа било дозволено како вера. Царот **Константин** (274-337) во 324 година христијанството го прогласил за **официјална религија** на Римското Царство. Со новата престолнина Константинопол (Визант, Цариград) започнал светскиот сјај на христијанството, кое дотогаш било полуприкриена вера, чии приврзаници многу страдале. Константин и неговата мајка Елена граделе цркви и духовни училишта, ги барале и сочувале реликвиите од Исус Христос, како и оние од првата ера на христијанството, кога дивјачки се постапувало спрема оваа вера, која учи на благост, љубов, разбирање и надеж. Во новата епоха се истакнале тројца животно блиски и морално слични верски мислители - светите **Василиј Велики**, **Григориј Богослов** и **Јован Златоуст**. Православието со празникот Свети три хиерархи го пофалува нивното дело и придонес кон верата. Овој празник, кој се одбележува на 30 јануари (односно на 12 февруари), е свечен ден на духовните школи.

**Василиј** е роден во 330 година во Цезареја (Кесарија) во Кападокија. Во познатата малоазиска Кесарска школа се запознал и зближил со врсникот Григориј Назијански. Се истакнувале со знаењата и со карактерите. За Василиј велеле дека е “како брод натоварен со толку ученост колку што е можно да се смести во човечкото суштество“. Во таа епоха на разни ереси и обиди за враќање на политеизмот, тој бил цврст бедем на христијанството. Како епископ на Цезареја ги определил **начелата на монаштвото**. Од верските луѓе барал попрактична и социјална насоченост, а не само аскетизам. Покрај преда, ните молитви и читањето Библија, тие требало да работат и да прават добри дела.

Бил олицетворение на скромноста и воздржаноста. Изградил село Василијада, за помош на бедните и болните, кои ги издржувал од своите приходи, кои самиот воопшто не ги трошел. Умрел во 379 година. Го нарекле **Велики**. Неговиот лик православните христијани го одбележуваат на Нова година (“Василица“), кога се изведува и најобемната литургија, којашто тој ја напишал.

**Григориј** е роден околу 330 година во Назијанс во југозападната Кападокија. Потекнувал од посветено христијанско семејство. Бил доверлив и приврзан другар на Василиј. Заради ученоста го нарекле **Богослов**. Кога му нуделе епископски места, рекол: “Треба најпрвин сам да се исчистиш, дури потоа другите да ги чистиш; сам да станеш мудар, потоа да учиш други; да станеш светлина, потоа други да просветлуваш; да се доближиш до Бога, потоа другите да ги приведуваш кон Него“. Иако не ја прифаќал честа, во 380 година бил избран за **цариградски патријарх**. Започнале интриги и тој дал оставка, кажувајќи мудро: “Макар и да ме осудувате неправедно, тоа не заслужува внимание. Насочете ги мислите кон она што е поважно, што обединува, заздравете ги заемните врски на љубовта. Зар уште долго да ни се смејат како на диви луѓе, кои научиле само едно - да создаваат раздори?!... Јас ќе се жртвувам за спасот на бродот“. Умрел во родниот Назијанс во 390 година.

**Јован** е роден околу 344 година во сириска Антиохија (откаде потекнува и еден век постариот прв охридски светител Еразмо). Се истакнал со монашка строгост и со справедливост во правните прашања. Бил многу учен и пријателствувал со Василиј Велики и Григориј Назијански. Во 397 година го повикале во Цариград, каде што станал **патријарх**. Тој е автор на основната црковна служба во православието. Тој е **најпознат христијански беседник** во долгата низа големи умови, мислители, учители и ретори на христијанството. Зборувал толку убаво, што рекле: “Златна ти е устата, Јоване, биди благословен!“ Името **Златоуст** (*Хризостом*) го следи до денеска. Бил доблесен етичар, исклучително правдољубив, секогаш ја зборувал вистината, без огради, силно и отворено.

Нема тема за која не беседел. Бил вистински активен учител. Сочувани се стотици негови беседи, кои се украс на етичката и просветната грижа на човештвото. Зборувал против алчноста, раскошот, среброљубието, лихварството, против угнетувањето на невините и ограбувањето на бедните. Постојано укажувал каква треба да биде добрата власт како служба за луѓето. Неморалната и збеснета царица Евдоксија ги почувствувала неговите зборови како лична навреда. Три пати Јована го испраќале во прогонство, но народот не го давал и со протести барале да биде вратен. Го уценувале дека ќе го ослободат ако внимава што зборува. Тој одговорил: “Не можам да не го слушам гласот на повредените, нивното стенкање и плач, не можам да не ги прекорувам оние кои не одат по правиот пат! Јас сум епископ и мене ми е доверена грижата за душите на верниците. Го изобличувам беззаконието, го камшикувам гревот на оние кои згрешиле, но никого не го именувам, ги учам сите да не прават зло и да не бидат непријатели на ближните. Ако совеста го потресува некого од моите слушатели, тој не треба да негодува против мене, туку против себе и да се труди да си го поправи животот. Ако царицата не гледа зло во себеси, тогаш нема зошто да се лути, туку да се радува, затоа што нејзините поданици ги учам на добро. Јас нема да престанам да зборувам за заштита на правдината, зашто сум должен да му угодувам на Бога, а не на луѓето“.

Свети Јован Златоуст својот **збор и енергија ги користел за доброто**, сметал дека е неопходно да подучува и етички да ги советува луѓето. Неговите бројни речи пред сé практично се насочени и посветени на доброто дејствување.

Од беседите, најпознати му се оние за животното однесување на христијаните, за задачите на свештеникот и на истакнатите личности, како и за воспитувањето на младината.

Тој учел дека **етичкото значење извира од моралниот настап на личноста**. Велел: "Не е лошо виното, туку пијанството". Целта е во себе да одгледуваме свест за вистинските вредности. Не смее да се биде роб на страстите и на погрешните насоки. Човек треба да се грижи за душата и за однесувањето, за самодостоинството и за достоинството на другиот. Етичките цели се насочени кон кроткоста и смиреноста, кон владеењето над желбите и кон достигнувањето на спокојство: "Христовиот раб подобро се познава според кроткоста на својот карактер, отколку според името што му го дале родителите. Бог го цени човечкиот род не толку за девственоста, за постот, за откажувањето од богатството, за готовноста да се жртвува, колку за кроткоста и скромноста на живеењето и на карактерот... Секој кроток и смирен човек лесно се приклонува кон милост и жртвување и не може да не се грижи за оние кои се наоѓаат во бедство, тој страдањата на другите ги доживува како сопствена несреќа".

Мошне е интересно теоретското етичко објаснување на свети Јован Златоуст. **Моралот е однесување кон ближниот**. Бог му предложил на човекот за тие односи такви услови, кои не се тешки за исполнување. **Златното правило** гласи: "Сé она што сакате да ви прават луѓето, правете им го и вие!" Тоа значи дека им го рекол истото што го бара и природниот закон. Препорачал: "Како што сакаш со тебе да постапува твојот ближен - така и ти постапувај со него! Сакаш да те фалат - фали и ти! Сакаш да не те ограбат - и ти не грабај! Сакаш да ти прават чест - почитувај ги и ти другите! Сакаш да добиеш милост - биди и ти самиот милосрден! Сакаш да бидеш сакан - сакај и ти! Не сакаш да слушнеш ништо лошо за тебе - не зборувај и ти самиот такво нешто!" Бог не им рекол на луѓето, она што ви го прават вам, правете го и вие, ниту она што не сакате да ви го прават вам, и вие не правете го, туку правете го она што сакате да биде сторено. Два патеки водат кон добродетелта - **оддалечување од пороците** и **остварување на доброто**. Заедно со тоа оди и условот искажан од Христос: "Љуби го својот ближен како себеси!" За свети Јован нема ништо полесно од ова, а тоа го искажал со фантастичните зборови: "Да мразиш - тоа е тешко и придружено со неспокојство; а да сакаш - тоа е лесно и удобно".

**Суштина на моралот е правење добро**. Моралниот човек е почитуван и сакан од луѓето, а "човекот со лошо и развратно срце, сето негово богатство нема да го спаси од негодувањето и одвратноста на луѓето околу него".

Објективноста, потребата и силата на моралот се гледаат и од Божјето дело на човечкото создавање: "Бог го поставил во нашите души постојано бодриот судија, кој не спие - **нашата совест**. Надворешните судии и со пари се поткупуваат, и со измама се омекнуваат и од страв стануваат снисходливи, и многу други причини уште има кои влијаат врз правдината на нивниот суд - меѓутоа, судот на совеста не се покорува на ништо подобно: совеста ќе ја произнесе својата праведна осуда над грешната мисла, а извршениот грев самиот себе ќе се осуди, макар и никој друг да не нé обвинил. **Совеста никогаш не го заборава стореното**, туку силно нé предупредува, и при вршењето на гревот, и до неговото извршување, и по извршувањето."

Исклучително етичко значење имаат укажувањата на свети Јован за **воспитувањето** (впрочем, воспитувањето е едно од орудијата на етиката). Тој е еден од најзначајните педагози: "Да се родат деца - дело е на природата, но да се здобијат со образование и воспитување - дело е на умот и на волјата... Вашите деца ќе бидат секогаш богати ако добијат од вас добро воспитување, за да се

оформи нивниот карактер и да се насочи правилно нивното однесување. Затоа, потрудете се, не да се здобијат со материјално богатство, туку да станат господари на своите страсти, богати во добродетелството... Кога добрите татковци би се грижеле за своите деца да им дадат добро воспитување, тогаш не би биле потребни ни судови, ни судници, ни казни, ни зандани. Џелатите постојат затоа што нема морал... Немарливоста и негрижата за воспитувањето се најголеми од сите гревови."

Така свети Јован Златоуст ја бранел етиката со ум и реч, им ги посочувал на луѓето нивните одговорности и им укажувал на добродетелите. Многу теолози, беседници и педагози биле негови следбеници, а тоа бил и нашиот голем етичар, писател и вешт беседник **свети Климент Охридски**. Дури многу пати научниците ги мешале и заменувале нивните беседи. Во Кавадарци книга за свети Јован Златоуст има направено свештеникот Димо Марковачев, а избор од неговите беседи и од учењата на неговите другари има во преведената книга од рускиот свештеник Ибришимов "Духовни бисери од светите отци". Така ни се доближени идеите на свети Јован Златоуст, а тие се достапни и во целиот свет, како што и треба во ова време, кое побарува помош од сите кои учеле за доброто и за моралот.

Малтретираниот праведник умрел во прогонство во 407 година. За свети Јован Златоуст има единствена **позитивна оценка од сите струи во христијанската вера** - велат дека непријателите му го помрачиле животот, а сега нема никакви непријатели, туку само почитувачи.

**Етички мисли на свети Јован Златоуст**

"Да се биде алчен не е исто што и да си богат. Алчниот не е богат. Тој е роб, а не господар. Да си богат, тоа значи не да имаш многу, туку да даваш многу."

" Украсете си ги душите, а не своите домови."

"Трпеливиот постигнува секаква добродетел. Во жалоста не се потресува, во потребите е спокоен, искушенијата го восхитуваат. Готов е на послушност, украсен со спокојство, исполнет со љубов. Оние кои го жалостат, тој ги благословува, во кавгите насочува кон мир. Точно ги исполнува ветувањата, љубезно прави услуги, во обраќањето е пријатен, мислите му се трезвени, во секое дело е - добар и бодар."

"Милосрдноста е царица на добродетелите... Дај му веднаш и направи нешто од срце за оној кој има потреба. Небото не е ефтино - но Господ е човекољубив: дај леб - земи рај; дај малку - земи многу; дај го смртното - земи го бесмртното; со земното - придобиј го небесното!"

# 26. Аврелиј Августин
## Сé Е ОД БОГА, Сé ЗАВИСИ ОД БОЖЈАТА ВОЛЈА



Во животот се случуваат пресврти, дури и кога светот е закостенет и во него нема многу предизвици и шанси за промени. Поретки се големите промени во животните патишта, во погледите, во учењата. Некој може нив да ги смета како израз на недоследноста, за некого тие ќе претставуваат знак на растењето и на зрелоста на личноста. Може да се случи при таквиот пресврт личноста да стане главен протагонист на новиот поглед на светот и најголем учител на етиката. Ова не е сосема ретко во историјата на моралот, таков **растеж на духовноста и на етичката визија е забележан кај неколку најголеми етичари**. Едниот од нив дури автобиографски го опишал за другите луѓе тоа што му се случило. Тоа е свети Августин.

**Аврелиј Августин** е роден во 354 година во градот Тагаста, кога Северна Африка била плодна и богата римска колонија. Татко му бил римски службеник. Мајка му Моника го молела да го прифати христијанството, но младиот Аврелиј одбивал. Студирал право и реторика во Картагина. Живеел распашано, имал и вонбрачно дете. Станал *манихеец* и почнал да верува во догмите на ова раширено сотериолошко учење - дека во светот се рамноправни доброто и злото начело, а човекот ќе биде спасен ако во нивната постојана меѓусебна борба е на страната на Доброто (ова е основата за подоцнежната **дуалистичка секта богомили, чиј центар бил во Македонија**). Потоа станал приврзаник на *неоплатонизмот*, кој учел дека има два света, во овдешниот главна е материјата, а во другиот главен е духот, па е важно да се надминат ограничeностите и лошите нешта на овој свет. Пресвртот на Августин настапил во 384 година, кога во Милано станал *христијанин*, а потоа и најпознат теолог од првите векови на христијанството.

Во Милано му се јавил глас, кој му препорачал од Новиот Завет да прочита зборови кои го трогнале - да живее чесно, без пороци и нечистотија, без кавги и завидливост, да стане близок на Христос. Во делото "Исповеди" (првата значајна **автобиографија** во светската историја) Августин ги раскажал своите минати случки и тоа како во него се породила светлина што не ја открил во другите учења. Откако учел кај свети *Амброзиј,* станал свештеник во Картагина. Во 396 година бил избран за *бискуп* на Хипон. Умрел во 430 година како почитуван пастир на народот, кого го бранел и му помагал во тешките мигови на опсадата од северноевропските пљачкосувачи.

Августин напишал 100 книги, 500 проповеди и 200 (сочувани) писма. Некои се насочени против спротивните учења, а во сите се објаснуваат верските прашања и однесувањето на верниците. Неговата книга "За Божјата држава" е едно од најзначајните од илјадниците христијански дела. Августин бил највлијателниот автор на западното христијанство сé до Тома Аквински.

Неговите идеи и натаму се важни, влијаеле врз мнозина философи за разни прашања, а користени се во градењето на учењата на критичките протестантски вери. Одново е актуелен во новите монотеистички религии на Исток, како Обединетата црква на Мун.

Августин е **врв на латинската патристика**. Христијанството настанало во Римското Царство и еден од условите за неговиот светски успех е тоа што можело да се шири низ една огромна држава. Во еден нејзин дел бил доминантен латинскиот јазик, а во другиот хеленскиот. Научниот центар Александрија бил прво средиште на христијанството, а во блиската пустина се јавиле првите пустиници (зародиш на идното монаштво). Овој град бил меѓник помеѓу двете јазички сфери. На исток, до Персија или до Цариград и Балканот, била зоната на хеленистичкото влијание, на запад, во другите тогаш плодни афрички краишта и во Европа, се зборувало латински. Од таму и од Италија ќе произлезат првите латински христијански мислители, кои на особен начин размислувале за значењето на верата и на односот на човекот кон Бога.

Првиот помеѓу нив **Тертулијан** (160-220) од Картагина станал христијанин во зрели години. За слободната философија сметал дека е нешто безбожничко. Христос кажал сé што е важно за луѓето и повеќе нема смисла ниедно истражување. Со падот на човекот (“првичен грев“) разумот станал средство за влијание на ѓаволот. Затоа е вистинито она што е далеку од разумот или спротивно на него. Во тој дух Тертулијан кажал: **Верувам затоа што е апсурдно**. За предимството на верувањето над разумот на човекот зборувал и **Лактанциј** (250-325), еден од воспитувачите на царот *Константин* (кој во 324 година христијанството го прогласил за официјална религија на Царството). Лактанциј истакнувал дека **човековото срце** е неразорлив Божји храм: "Со паѓањето на човекот, наполно е исклучен разумот и сознанието е можно само со срцето". **Амброзиј** (340-397) бил правник и гувернер на северна Италија. Во 374 од народот е избран за бискуп на Милано. Учел дека верските институции се посилни и стојат над световните - царот треба да му служи на Бога како што поданиците му служат на царот како војници. Кога царот Теодосиј во 390 година направил колеж во Солун во една побуна (тогаш е убиен свети Димитриј), Амброзиј барал од царот да се покае и да вети дека нема да ѝ пречи на Црквата во нејзините намери и дела.

Августин, ученик на Амброзиј, доследно го бранел христијанството наспроти сите други учења. Во "Исповедите" тој зборува за смислата на човечкиот живот: "Боже, нас си нé создал за Себе, и нашето срце е неспокојно додека во Тебе не го најде својот мир". Тој му благодари на Бога за благодаттите што им ги дал на луѓето и го критикува човечкото грешење, како израз на силата на злото, што треба да се совлада со **верска посветеност, аскетско живеење и морал**. Во делото "Солилоквиј" воскликнува: "Сакам да го сознаам Бога во душата! Ништо повеќе!"

Иако првокласен философ, Августин ја истакнува теологијата, бидејќи философијата му овозможува на човекот да дофати само една можна вистина, а сигурност даваат само откровенијата изнесени во Библијата. За да го одбрани овој став, Августин пишувал за разни ереси (поинакви учења од ортодоксните), како и поуки за верниците. Црквата ја сметал за незаменлива во исповедувањето на верата, во обредите и во овозможувањето на спасение, а црквата во Рим ја воздигнувал до светско рамниште, зашто сите луѓе треба да ги прибере во своите закрилја. Особено бил против учењето на **Пелагиј** (360-420) од Велс дека не е важна приказната за првичниот грев на луѓето, т.е. дека човекот може со свои

напори да постигне спасување ако живее доблесно (што значи дека Црквата има тесна улога).

Човекот, според Августин, е ограничено суштество, како и другите нешта на светот, а овие потекнуваат од нешто Апсолутно и Безгранично. **Бог е извор** за сето постоење, и за сите вистини, и за сето добро. Човекот треба да се насочи кон тој општ извор и да поаѓа од него. Затоа е најважна **верата**, со неа стануваат појасни сето постоење и сите проблеми. Августин ќе каже: **Верувам за да разберам**, што е една од најпознатите религиски определби.

Верата ни покажува дека Бог е во сé и дека **сé е од Бога**. Бог сé создал од ништо, со своја волја. Бог е пред светот; како вечен дух, тој го создал светот и времето, тој не е подложен на космичките законитости и вонвремен е. Сé што го има човекот, го примил од Бога. Сé што прават луѓето е според Божјата милост. Сé што знаеме го добиваме од Бога, тоа зависи од божествената светлина во нас. И во моралот **сите начела и норми ни се од Бога и мора да им се покоруваме**. Доброто е од Бога, а злото е негација, отклонување од Божјата добрина, резултат на спротивната насоченост

Како и кај Бога, и кај човекот, според Августин, е најважна **волјата**, насоченоста кон нешто и внатрешната сила да се реализира тоа. Вредноста на човековата волја зависи од нејзината свртеност кон Бога. Тоа е најважен и апсолутен принцип на човековото живеење. Впрочем, светот може да биде спасен само со Божјата волја. Нашето трудење е начин на кој ние покажуваме дека сме ја разбрале суштината на светот, дека сакаме да дејствуваме правилно според Божјата намера и да го смилостивиме Бога, но Бог ќе реши дали ќе бидеме спасени. Ние дејствуваме од **волја за добро** (кое е Божје својство) и од чувство на обврзност-доблесност да го следиме Бога во неговата добрина. Меѓутоа, дали тоа ќе роди плодови за нас самите пред Божјиот суд, тоа не зависи од нас, зашто сé е **предестинирано** (однапред определено), па така и нашиот спас. Милоста на Бога иде само од Него.

Во обемното дело "За Божјата држава" Августин расправа за индивидуалната и социјалната етика од гледна точка на Божјата промисла и црковната реалност (фрагменти од ова грандиозно дело кај нас има преведено професорката Љубинка Басотова). Во 410 година Аларих го опседнал Рим; римјаните сметале дека тоа страдање им дошло заради тоа што го примиле христијанството. Августин најпрвин покажува дека Рим имал повеќе катастрофи и пред христијанската ера, а дека успехот што сега го постигнал се должел токму на Божјата добра волја. Потоа објаснил дека старите божества не би можеле да му помогнат на Рим, зашто тие на своите верници не им помагаат ни во материјалната ни во духовната сфера, а христијанството дава душевна сатисфакција.

Оригиналноста на концепцијата на Августин е во специфичното толкување на проблематиката на Божјето и земното царство. Тој го следи развитокот на двете општества-држави - земната и Божјата. **Божјата држава**-царство се состои од сите човечки и небески суштества кои се обединети во љубовта кон Бога и се стремат само кон Него. **Земната држава**-царство ја сочинуваат оние суштества кои се сакаат само себе и се стремат само кон сопствената слава и добро. Основата за ова разликување е начелото на **љубовта**. Двата конкретни сојузи што ги има предвид Августин се Римската Империја и Римската Црква. Тој покажува како тие се развивале во рамките на световната и библиската историја. По Последниот суд, оние кои се дел на Божјето царство ќе се радуваат на вечно блаженство, а оние од земното царство ќе бидат изложени на вечна казна.

Така Августин ги претставил Божјите намери и местоположбата на човекот наспроти Бога. Бог е создавач на историјата, но не учествува конкретно во неа. Таа е дело на луѓето. Но, насоката на историјата е еднолиниска, **сé зависи од волјата на Бога**. Пред да го создаде светот Бог имал план за овој развиток. За Августин светот и историјата се нешто сеопфатно и неделиво, а сите луѓе на земјата учествуваат во нив. Тој го истакнува **единството на човечкиот род**, како нов поглед на светот кој произлегува од *универзалноста* на религијата. Развитокот и прогресот во светот зависат пред сé од моралноста и духот на луѓето и се резултат на судирите со злото, кое е суштествено отклонување од доброто. Во тој етичко-историски-супстанцијален судир Бог е на страната на човекот. Тој конфликт создава времен дуализам помеѓу двете царства, но на крајот **дефинитивно ќе победи Божјето царство**. Тоа е објаснувањето на Августин за значењето на духовните и моралните појави во животот на луѓето.

Човекот е суштество со свои капацитети и волја, со можност за избор на вредностите и за донесување свое решение за својот пат и постапки. Тој се стреми кон среќа, но мора да си признае дека тоа може да го постигне само **ако го достигне Бога како вечно добро**. Тоа е однос помеѓу конечното (создадено) суштество и бесконечниот Творец. Не постојат етички правила независни од Создателот и дејственикот - во етиката станува збор за суштината на Божјата личност и за односот на човекот кон Бога. А среќата може да се реализира само преку религијата. **Љубовта кон Бога е прва и највисока должност**.

Правилното живеење кое носи кон среќа значи приклонување кон добрината на Бога, лошиот избор е отклонување од доброто и правење зло. Верата е вистинската сила и на светот и во човекот, која води кон добрите решенија. Оваа не е едноставна религиска и морална поука. Учењето на Августин е комплексна *нова религиска филозофија и етика*, во која има одблесоци од разни претходни идеи, но со неа се отвора патот за нови видови сознајни и етички позиции на човекот во универзалната религиска цивилизација. Августин е голем етичар на еден од историските крстопати на градењето на моралот и етиката како сушност на човечката егзистенција, чии духовни позиции имале влијание и врз последователните крстопати на човештвото.

**Етички мисли од свети Августин**

“Верувам за да разберам.“

“Устременоста кон Бога е стремеж кон блаженство (среќа), а достигањето на Бога е тоа блаженство.“

“Бог е човековото врвно добро. Бидејќи да се живее добро значи да се биде устремен кон врвното добро, јасно следува дека да се живее добро не е ништо друго туку да се љуби Бог со полно срце, со сета душа, со сите мисли.“

# 27. Пророкот Мухамед
## ДОБРОТО Е ОД БОГА, СЛУШАЈ ГО БОГА!




**Пророците се големи учители на човештвото**. Верските идеи што ги изнесуваат тие пренесувачи на Божјите поуки го насочуваат животот на луѓето и го градат нивниот морал. Тука не се завршува нивниот етички придонес. Пророците се силни личности, имаат доблесна и врвна етичка позиција. Покрај Божјите пораки што ги пренесуваат, исто така голема придобивка за човештвото се самите морални погледи и дела на пророците. Пратеникот Мухамед е таква личност со исклучително значење за верскиот и етичкиот живот на луѓето.

**Мухамед**, син на Абдула, е роден во 570 година во Мека, најзначаен град во Арабија. Бил од прочуен род, но сиромашен. Се одликувал со интелигенција, работливост и чесност. Кога имал 40 години му се јавил ангелот Гаврил, кој почнал да му пренесува **пораки од Бога**, за да им ги кажува на луѓето. Мухамед ги примал зборовите од Алах од 610 година до својата смрт во 632 година. Од пораките е изградена верската книга **Коран**, со чии идеи и со предаcomponent активност на Мухамед, кој станал неспорен водач на Арапите, е создадена **новата религија ислам**.

Исламот е една од најзначајните вери на човештвото. Во оваа трета монотеистичка религија (по јудаизмот и христијанството - ако зороастризмот не се земе предвид) се истакнува дека е совршена и дека со неа е завршена појавата на објавени религии. Изградбата и успесите на исламот дадоа **голем придонес за човечкиот развиток**. Продукт на оваа вера е Арапското Царство, кое има светскоисториско значење. Во царството - најголемо од VII до XV век - е реализиран еден од најбележитити духовни подеми на човештвото. Арапските философи и научници се меѓу најпродуктивните и најоригинални мислители во историјата, имаат отворено многу нови патишта во развитокот на сознанијата за светот, човекот, науката и моралот.

Основата на Исламот се Божјите објави во **Коранот**, кој е "Книга на вистината". Во таа Света книга Бог го објавил **Патоказот** и го најавил и објаснил проштевањето. Бог избрал Пророк и му дал задача да ја проповеда верата (ислам). Самиот Бог е заштитник и чувар на објавата. Затоа Коранот е базична духовна и социјална и правна и етичка книга за муслиманите (верници во исламот). **Коранот е постојан водич на луѓето**. Во својата изворна арапска форма (во која се чува за да ја претстави доблеста на Божјиот збор) Коранот е едно од најубавите светски поетски дела. Во него се изнесуваат **Божјата волја и заповеди**. Тие зборови кажуваат за Божјето постоење, за единственоста на Бога, за Божјите намери, за двата света (овој и другиот), за Божјиот суд. Со објавите е објаснет и односот кон неверниците (за оние кои не веруваат во еден Бог) или кон јудеите и христијаните (чија религија е исто така објавена и нивните пророци се вклучени во развојот на монотеизмот во светот). Најголемиот број

објави се однесуваат на конкретното однесување и дејствување на луѓето. Коранот е поделен на 114 сури (поглавја), кои се делат на ајети (стихови), вкупно 6.236 (Коранот го преведе на македонски јазик професорот Хасан Џило).

Изложувајќи ги Божјите намери, цели и зборови, Коранот е главен извор за верата, мислењето и етиката. **Алах решава што е праведно и дозволено, што е погрешно и забрането**. Зборовите на Бога се пренесени и запишани веродостојно, па рецитирањето на тој говор и послушноста кон пораките се побожно дело. Првите зборови што ги добил Мухамед од Бога почнуваат со изразот *икре* (читај, учи, подучувај!), што укажува на просветителската и обврзувачка улога на објавата: "Читај во името на Господарот твој кој создаде, го создаде човекот од грушка на крв! Читај, зашто Господарот твој, навистина, е Најблагороден, кој поучува со перце: го поучи човекот со она што не го знаеше". Во исламот се истакнува дека сите луѓе можат да ја разберат Објавата, зашто Божјите зборови се еднакви за сите.

Суштествена проблематика во исламот е односот меѓу Бог и човекот. Во Коранот се изложени исламските погледи, пред сѐ неговата философија, антропологија и аксиологија, етика и психологија, естетика и социологија, политика и економија. Основното е учењето за Алах, за неговата суштина и творечко дело на создавањето, обликувањето и водењето на светот. Бог е вечен и апсолутно слободен Творец, **еден**, **семоќен**, **сезнаен**, во Него е сета убавина, Тој е најсправедлив и најсакан, Тој е севкупна добрина. Верата е систем од најзначајни животни и етички вредности и норми, кон кои треба да се придржуваат муслиманите како религиски завет и животна обврска. Во исламот е кажано како да се мисли и живее правилно.

Верникот апсолутно го почитува Бога, чија волја е безмерна. Бог го создал светот, Тој му го дава и одзема животот на човекот, од Него доаѓа сѐ и во Него се враќа сѐ. Бог е надреден над човекот, Бог е создател и водач на секој човек. Бог бара послушност и исполнителност за своите барања, објавени преку Коранот. **Верата значи преданост на верникот**.

Божјето решение е апсолутно и не може да биде сменето. Сите се раководат според законите што ги создал Бог и сите се под команда на Бога: "И Сонцето и Месечината и ѕвездите... потчинети се на наредбата Негова. Создавањето и Наредбата се - само Негови!" Секое суштество на небото и на земјата своеволно им се покорува на законите и заповедите од Бога, кој светот го создал со цел, според план. Бог е истовремено и крајната цел на сѐ што постои. Ништо не може да биде скриено од Него. Тој ги знае тајните на сите човечки срца и секој изговорен збор, ќе нѐ повика да му дадеме сметка за она што е во нашите мисли и намери, што било наша реч и дело.

Од бројните Божји својства, две се основни човекови вредности - **праведност** и **љубов**. Бог е великодушен кон човекот и никогаш не го осудува неправично; човекот самиот е грешник на својата душа. На Судниот ден, Бог ќе стави *кантар на праведноста* и секое дело ќе биде земено предвид. Тој им заповедува на луѓето да бидат праведни и ги сака праведните: "Аллах, навистина, наредува и праведност, и добродетелство, и да им се дава на ближните, и забранува зло, и срамно дело и насилство".

Награда ги очекува оние кои прават добро и го избегнуваат злото. Бог е најдарежлив и ги умножува наградите за добрите дела. Казната од Бога е во согласност со лошата страна на делото, но може да биде и помалечка, затоа што Бог е најмилосрден и простува, и никогаш нема да направи неправда. Божјите награди и казни можат да бидат и на овој и на оној свет.

Бог е извор и суштина на љубовта, како што е и суштина и извор на секоја добрина. Затоа човекот мора да му биде благодарен на Бога, мора да биде свесен дека Бог му ги дал сите блага на земјата и му ги потчинил сите ствари и суштества на овој свет. Исто така, на човекот Бог му дал **слободна волја**, за да избира и да реши дали е за доброто или за злото. Тој му дал разум и нагони, така што човекот може и мора да се бори за да ги искористува дадените можности. **Ако човекот го избира доброто, тоа значи дека го следи Бога**, зашто Бог, давајќи му ги најдобрите нешта, посакувал човекот вака да постапува.

**Секое добро е од Бога, секое зло е од човекот**. Но, злото не му е вродено на човекот. На човекот Бог му дал природна склоност кон доброто и одвратност против злото. И човековиот разум е против злото, и Коранот предупредува на злото. Ако човекот одбира и прави зло, тоа потекнува од неговата душа и е плод на неговиот избор: "Секое добро што ќе ти се случи - та, од Аллах е, а за секое зло што ќе ти се случи - та, од тебе е". Со тоа што не го уништува злото Бог сака да ја испитува човековата слободна волја. Негативната човекова улога се огледа во следењето на шејтановите (ѓаволовите) стапки - овој заповеда само зло и срамно дело. Тогаш луѓето ништо не слушаат, глуви се, слепи, неми и не сфаќаат. Исправните луѓе треба да го посакуваат "само она што Аллах го пожелува", овој избор значи прав пат според Бога и кон Бога. Над луѓето, Бог гледа што тие прават и им ја определува наградата и казната - според верата, како и според добрите дела и избегнувањето на злото.

Во Коранот се дадени **точни упатства од Бога** што луѓето треба да прават. Тие треба да го слушаат Бога: "Доброчинството е да се верува во Аллах, и во Денот ахиретски-суден, и во мелеките-ангелите, и во книгите, и во пејгамерите-пророците; доброчинители се оние кои го даваат она што најповеќе го сакаат: на ближните, на јетимите-сирачињата, на сиромасите, на патниците и на просјаците, и кои робови ослободуваат, и кои се исправат намаз-молитва да извршат, и кои зекат-придонес даваат, и кои се придржуваат кон договорот што ќе го склучат; и кои се трпеливи и во немаштија и во неволја и во зло време" (ова е само дел од набројаните доброчинства во Коранот).

Суштината и вистинската цел на човековиот живот е сообразна **етика во форма на асимилирање на Божјите атрибути**. Треба да се осознаат и да се следат Божјите својства: Живот, Вечност, Единство, Моќ, Вистина, Праведност, Одговорност, Убавина, Љубов и Добрина (ова се само најпознатите од 99 Божји својства). Полниот и вреден човеков живот значи човеков напор да ги постигнува овие квалитети на Бога. На верниците им се посочува да се свртат кон величественото дело на Бога, кон неговите добри намери, кон следењето на неговите добрини, од што ќе произлезе добар живот за нив и за заедницата, а за праведните спас.

Исто толку на луѓето им се укажува да внимаваат и да не ги следат негативните цели и стремежи, спротивни на Божјите квалитети, чие реализирање води во пропаст: уништување на животот, морални пороци, стремеж кон минливите нешта, непризнавање на единството и негово избегнување, заблуда, лицемерство, горделивост, расипништво, неправда, омраза и суровост во однесувањето.

За етички цели служи и системот изнесен во Коранот од **12 етички заповеди** (17:22-37, слични на Десетте Божји заповеди): "И покрај Аллах друг Бог не означувајте... Само Него да го обожавате, а на родителите добро да им правите... Пред нив спушти ги крилјата на потчинетоста и милоста, и речи: Господаре мој, смилуј им се онака како што тие ми се смилуваа кога бев малечок! Господарот ваш најдобро го знае она што е во душите ваши: ако

бидете доброчинители... та, Он, кон оние кои се кајат, навистина, е Простувач! И дај му го на ближниот правото негово, и на сиромашниот, и на патникот, и не троши безмерно! Расипниците се браќа на Шејтанот (Ѓаволот)... Барајќи ја милоста на Господарот твој за која се надеваш, тогаш проговори учтиво!... Господарот твој секако дава рск кому сака, и Он му одредува мера. Он е известен за робовите Свои и Гледач е! И не убивајте ги децата ваши, плашејќи се од сиромаштијата. Ние и нив и вас ве храниме. Убивањето нивно е грев голем! И не приближувајте се кон блуд. Тоа навистина е разврат и пат лош! И не убиваје никого за кого Аллах забрани, бесправно! А во однос на оној кој е убиен, ни крив ни должен, на заштитникот негов му дадовме власт, но нека не претерува со убивањето... И не приближувајте се кон имотот на јетимот (сираче)... Исполнувајте го договорот! За договорот навистина има одговорност! И кога мерите, мерете како што треба, мерејќи на кантарите праведно... И не следи го она што не го знаеш. И слухот, и видот, и срцето нека ти бидат одговорни! И не оди по земјата горделиво! Ти навистина земјата не ќе ја пробиеш, и не ќе ги надвиеш брдата!"

Но попознати се петте основни морални и верски норми, наречени **пет столбови на исламот**, како обврски на секој муслиман. Тие се основа на исламскиот практичен морал - на целиот религиозен живот на верникот и на моралноста во заедницата. Овие религиозни должности се израз на етичката дисциплина како длабока посветеност на верниците на изворните зборови и барања од Бога: 1. *шехадет̄* - сведочење-искажување за единственоста на Бога и за верата во Бога; 2. *намаз* - верски обред-молитва (пет пати дневно, заедно обврзно во џамијата во петок напладне); 3. *закат̄* - редовно давање данок и парична помош за незгрижените; 4. *сијам* - пост (во месецот Рамазан и други); и 5. *хаџ* - одење на поклонение во Мека барем еднаш во животот.

Етиката на исламот е **една од најраширените и најразработени етики на човечката историја**, во која е дадено единство на верата и моралот, на правото и на социјалниот живот. Таа е мошне значајна и за нас, бидејќи ние 550 години бевме дел од Отоманското Царство, со доминантна муслиманска вера, каде султанот беше и *калиф*, тј. светски верски водач на исламот (наследник на таа должност на Пророкот Мухамед), што влијаеше и врз многу наши социјални, работни, семејни и меѓучовечки вредности.

За разбирање на етиката во исламот, покрај Коранот, кој е основен етички извор на начелата и нормите, важен е и моралниот придонес од животните примери и моралните изреки на **Muhamed**. Записите за дејствувањето и зборувањето (*хадис*) на Божјиот Пратеник се прекрасен доказ за величината, мудроста, разумноста и умереноста, строгоста и внимателноста на оваа исклучителна личност, која Бог ја избрал за пренесување на Божјите пораки и за нивно кажување на луѓето за да се конституира Коранот.

Мухамед бил организатор на исламот како вера и заедница, тој ја обединил Арабија, станал верски и световен водач, кој постигнал огромни успеси. Од него започнала ерата на исламот во човечката историја и исламското создавање на бројни вредни духовни, социјални и материјални дострели. Кога во Коранот нема искази-упатства за некое прашање, верниците може да се потпрат врз **изјавите на Мухамед** за разни случки и проблеми.

Како и Коранот, збирката **Хадис** од Пророкот Мухамед е една од **највалидните светски збирки на етички поуки**. Во хадисот се кажува што Мухамед правел, кажувал и им дозволувал на своите приврзаници во разни ситуации. Божјиот Пратеник раководел мудро со заедницата во политичка, социјална и етичка смисла и неговите постапки и речи се многу важни. Затоа се

запишувани. Еден негов приврзаник Енсар му рекол на Пророкот дека кажува многу нешта што треба да се запомнат, а овој одговорил: "Служи се со својата десна рака", што значи: запиши! По Пророковата смрт тие изјави се присобирани во збирки, нивната сигурност е проверувана, така што денес избраните поуки од Мухамед се гарантирано негови. И науката која се занимавала со нивното утврдување (арап. *риѓал*) има свое етичко значење, бидејќи овие зборови треба да имаат доказ за доверливоста, правоверноста, моралноста, вистинољубивоста и совесноста. Муслиманите искажуваат исключителна љубов спрема Пророкот и внимателно ги следат неговите запазени зборови.

Основната поука на Мухамед е: **Слушај го Бога!** Пораките во хадисот се често етички според содржината: "Делата се вреднуваат според намерите и секому му припаѓа она што го намислил". Или: "Богобојазноста е основа за секоја мудрост". Пратеникот давал многу хумани и корисни совети: "Немате вера доколку не се сакате меѓу себе". Вредна етичка поука е: "Кој другите ги насочува кон добро, тоа ќе му се смета за награда, исто како и оној кој прави добро". Многу е интересна неговата реч: "Алах го сака работникот кој, кога работи, тоа го прави арно и чесно". Ги заштитувал сиромашните и работниците, а на богатите и на газдите им кажувал (нешто што е интересно за кај нас): "Исплатете им ја надницата ушт додека не им се исушила потта од челото!" За етиката е важно и предупредувањето: "Најдобро од делата е умереноста".

Во хадисот има низа пораки за внимавањето на себе, за однесувањето кон другите и за штедливоста, за чувањето на имотот: "Човеку, имаш должности и спрема себе!", или: "Не е вистински верник оној кој за ближниот не го посакува истото што го сака и за себеси", или: "Оној од нас кој не се сожалил над слабите меѓу нас и кој не ги почитува постарите меѓу нас, тој воопшто не е дел од нас".

Мухамед бил многу скромен. Себеси само се нарекол "учител" според Божјата намера. За однесувањето кон себе рекол: "Немојте да организирате прослави на мојот гроб". Во хадисот можат да се најдат уште безброј важни и искрени изјави на Пророкот. Едната покажува како се грижел за луѓето, да не претеруваат. Оние кои сакале сé да оставаат на верската заедница, ги подучил и заповедил: "Бог повеќе сака на вашите деца да им дадете благосостојба отколку сé да потрошите на милостина и своите наследници да ги оставите да питаат на јавните места".

Така зборувал еден одговорен, мудар и добар водач и верски учител.

**Етички мисли од Пророкот Мухамед**

"Најголема добрина и великодушност е: да го посетуваш оној кој тебе не те посетува; да му дадеш на оној кој тебе те одбил; и да му простиш на оној кој тебе ти сторил неправда."

"Прашај си го своето срце, својата душа и совест, па во себе ќе го најдеш одговорот на прашањето што те мачи."

"Возвишениот Алах вели: Јас сум третиот покрај двајца пријатели, кои меѓусебно се чуваат - сé додека едниот не го изневери другиот. Тогаш јас ги напуштам.“

"Никој не може да биде изземен од трите должности - во добродетелноста кон родителите, сеедно дали тие се муслимани или немуслимани; во исполнувањето на ветувањата (на обврската или на дадениот збор), сеедно дали кон муслиман или немуслиман; во чувањето на довереното нешто (еменат) и во неговото давање на сопственикот, сеедно дали тој е муслиман или немуслиман."

"Горната рака е подобра од долната. Горната рака дава, долната е онаа што бара."

# 28. Свети Кирил Философ
# ПОСВЕТЕНОСТ КОН ВОЗДИГНУВАЊЕ НА ЛУЃЕТО



Најзначајна и највозвишена должност на луѓето е нивното учење, себевоздигнување, како и давањето помош да се кренат другите, да се образуваат и да се формираат како одуховени човечки суштества. Подучувањето и воспитувањето на луѓето е света работа, која се нарекува со едно од најубавите имиња - **просветителство**. Просветувањето (просветлувањето, откривањето светлина во светот, здобивањето светлина во умот) не е само врвна културна појава, туку пред сѐ висока етичка задача. Големите етичари најчесто се и бележити учители, просветители, светители на поучниот збор и дело. Меѓу нив се истакнуваат свети Кирил Солунски, познат и под името Константин Философ, и неговиот брат свети Методиј Солунски.

Животот на свети Кирил е приказна за еден посветеник на духовноста и на учењето. **Константин** е роден во Солун во 827 година, од татко Лав, висок достоинственик, и мајка Марија, со словенско потекло, добри и благи личности. Како дете сонил дека му понудиле животна сопатничка од многу девојки, а тој се определил за прекрасната *Софија* - Божествена Мудрост, чудесна форма на Духот. Родителите му објасниле - ако Мудроста ја земе за другарка, ќе се спаси од злото, но таквата определба бара многу саможртви и непрекинато учење. Константин учел многу и добро, во светскиот политички и културен центар Цариград студирал кај најголемите научници *Фотиј* и *Лав Математичарот*. Се истакнал во сите гранки на науката, а особено во најтешката Логиката и постигнал највисоки успеси (денес би рекле "докторат"). Поради исклучителните академски потенцијали го ангажирале за соработник и наставник (асистент и доцент). Го нарекувале **Философ**, "мудрец", "врвен учител". Имал добра и чиста душа, бил умен, кроток, смирен и одмерен. Му нуделе да се ожени за најбогата мома и да стане влијателен византиски аристократ, но за него немало ништо поскапоцено од учењето и знаењето, тука ги барал вистинската чест и богатство, и не се откажал од заречената посветеност на духовноста.

Младиот Константин се истакнал во расправата со *Арапите* во Сирија околу предимствата на христијанството и исламот. Византискиот цар потоа го испратил и во мисија на Крим на Црно Море, каде што со своите знаења и елоквенција ги предочил базичните принципи и вредности на христијанството пред *Хазарите*, кои думале дали да се приклонат кон христијанството или кон јудејството или мухамеданството. Таму бил со постариот брат **Методиј** (роден во 825 година), исто така брилјантна личност, дипломец по право во Цариград, а уште како млад носител на високи државни и црковни должности (но кој, откако трагично го загубил младото семејство од чума, се замонашил, па не му го знаеме ниту оригиналното име).

На браќата солунчани им се паднала честа да ја водат најтешката културна мисија на епохата - **описменувањето на Словените**, за заедно со примањето на верата да бидат оспособени за големата културна задача на

разбирање на христијанството и на неговите специфични етички вредности (императорот ги одбрал велејќи дека тие знаат словенски бидејќи се од Солун). Константин измислил ново "словенско" писмо *глаголица*, приспособено за запишување на словенските гласови. На словенски јазик со брат му ги превеле првите книги, помеѓу кои и Библијата. Со братот и книгите заминале во Моравија (Словачка, Чешка, Словенија и Панонија), каде што со помош на словенските книги толку добро ја извршиле просветната мисија, што до денес тие народи ги слават како свои **духовни родители**. Тоа ги налутило германските и другите латински свештеници (Црквата уште не била поделена, но имало конфликти околу првенството на римскиот папа или цариградскиот патријарх). Папата ги повикал просветителите да покажат што прават, да ги објаснат целите и основните принципи на својата просветителска дејност.

Во *Венеција* Константин ја изнел својата величествена философска идеја за **единственото човештво** и за сеопштиот свет за сите - која денес е една од основните современи духовно-културни идеи. Насобраните свештеници се подбивале со Константин дека создал нова абука, која досега никој не ја измислил, и дека учел на јазик на кој не е достојно да се слави Бог, што божемски можело да се прави само на еврејскиот, хеленскиот и латинскиот јазик. Константин ги запрашал дали веруваат дека Бог не дава дожд за сите и дали сонцето не грее исто за сите, дали воздухот не им е достапен на сите подеднакво за дишење. Ги прекорил што признаваат само три јазици и сакаат другите народи да останат слепи и глуви. Зар Бога го сметаат за толку бессилен што не може и на други јазици да ја соопшти својата мудрост, или можеби завидлив што да не го сака тоа?! Им посочил уште десеттици народи кои имаат свои азбуки и книги на своите јазици, што е услов за духовно разбирање и културен развиток.

Пред портите на Рим браќата ги пречекал лично папата Адријан, зашто Константин и Методиј ги носеле моштите на *свети Климент*, третиот римски папа, кој е мачен и настрадал на Крим, а неговите коски ги пронашле нашите светители кога биле кај Хазарите. Папата ги примил словенските книги, ги осветил и според нив е извршена богослужба, прифаќајќи ги како основно орудие на религиското, културното и етичкото образование на Словените. Биле посветени и учениците на просветителите, помеѓу нив и *Климент* и *Наум*. Рим бил заблеснат од умот и бројните квалитети на Константин и Методиј. Но, телото на Философот било премалено. Имал привидение за мигот на заминувањето од овој живот. Се облекол свечено и рекол дека му се развеселил духот затоа што му се открило влегувањето во домот Господов: “Отсега веќе не сум му слуга на никој на земјава, туку само на Седржителот Бог, на кого тоа му бев, сум и ќе му бидам вечно“. Утредента облекол црна риза, се замонашил и го зел името **Кирил**.

Боледувал 60 дена. Му рекол на Методиј: “Јас и ти бевме како сложен ѕевгар волови кои ораат една нива и, еве, јас паѓам на браздата, завршувајќи го својот ден. Јас знам дека ти силно ги засака горите на Олимп (во Мала Азија, каде што беше манастирот што го раководеше Методиј), но немој да ги оставиш проповедта и подучувањето. Со овој подвиг може подобро да постигнеш спасение“. Пред да умре на 14 февруари 869 година Кирил се помолил на Бога да го дочува стадото што им го беше доверил на браќата, да ги избави нивните ученици и верници од секаква злоба и хулење, да направи од нив примерни луѓе, да ги почува оние што ревносно прават добри дела и она што на Бога му е угодно, како што самиот правел. Папата наредил величествен закоп во црквата Свети Климент Римски, чии мошти ги беа донеле Кирил и Методиј. На гробот

сите словенски народи имаат поставено плочи со изрази на благодарност за просветителско дејствување на свети Кирил (и на 24 мај секоја година го слават нэговото дело и духовен придонес).

Свети Кирил даде прва определба на словенски јазик на философијата. Љубовта за мудроста води кон разбирање на Божјите и човечките вистини, за со знаењето човек да може да му се доближи на Бога. Философијата го учи човека да биде со делата слика на својот Творец. Според оваа *етичка дефиниција на философијата*, љубовта за мудроста е во служба на **правилното човеково постапување**. Свети Кирил укажува дека моралот е смисла на егзистенцијата на луѓето, врв на нивната животна активност. Умот и сознанијата тие треба да ги користат за со своите постапки и со етичноста на однесувањето да станат слични на Божеството, кое ги создало за да прават добро, а не за да создаваат неволји на светот.

Кирил ги поврзува човекот и неговата мисла со Највишето Суштество како вистински извор на логиката и етиката. Тој го насочува човештвото својот интелектуален и морален потенцијал да го користи за да го бара и пронајде она што е **вистински добро** и да дејствува во согласност со најдобрите принципи. Доброто не е нејасно, туку определено и извесно. Луѓето имаат од Бога правилен образец. Со тоа свети Кирил укажа дека најблагороден е индивидуалниот стремеж кон доброто, кон сличноста со добриот Бог. Такво е и неговото цивилизациско дело, со кое им даде виделина на луѓето, за да ја согледаат добрината и да се научат да бидат добри.

Потоа Методиј е назначен за **прв словенски епископ и архиепископ**. Настојувал својата должнот да ја оправда со добри дела, се трудел да ги достигне светите отци - “едни да ги надмине со кроткост и молчење, а други уште повеќе со пост и бдеење и со молитва и смиреност“. Доблесниот посветеник свети Методиј имал само една висока етичка задача - “**да служи секому со сите постапки, за да ги придобие сите**“.

Со највредните ученици (“**седмочисленици**“, седум на број - Климент, Наум, Горазд, Ангеларий и Сава, заедно со учителите Кирил и Методиј) свети Методиј изминал исклучително тешка просветителска мисија во Панонија и Словачка во услови на непријателско опкружување и постојано напаѓање. Бил затворан, гонет и мачен. Свети Методиј го напишал **првото правно дело на Словените** “Закон како да им се суди на луѓето“, дело колку правно, толку и етичко - со совети за воспоставување праведни односи помеѓу луѓето, со што внесе елементи на модерната византиска христијанска етика и други социјални правила во секојдневниот живот на Словените.

Свети Методиј почина среде прогоните, на мисионерска должност во 885 година. Од смртните закани учениците се спасија пливајќи преку Дунав во тогашното Бугарско Царство, кое тукушто го развиваше христијанството. Климент и Наум стигнаа во Охрид и таму продолжија да ја шират верата. Од нив основана и раководена **Охридска школа** ја продожи мисијата и со својата дејност ги доразви идеите и учењето на словенските првоучители Константин-Кирил и Методиј.

Делото на светите Кирил и Методиј било прифатено не само како јазичка иновација и културна придобивка, туку и како **етичка доблест и морален завет**. Тие не биле просто учители на неписмени, тие се стремеле кон општо воздигнување на доверените луѓе - на оние кои биле на маргините на цивилизацијата да им ги откријат тајните на духот и умот; на неприлагодените да им помогнат да се оспособат; на неуките да им овозможат да се описменат и да ги сознаат животните добродетели. Тоа го прават вистинските учители-

просветители, а мудрите им благодарат ним за тие божествени придобивки. На свети Кирил вака му се има заблагодарено најпознатиот ученик свети *Климент Охридски*, кој пишувал пофалби за својот учител, најповеќе за тоа што својот живот го посветил на мудроста: "Од млади години беше чист како ангел... Секогаш беше со псалми и пеење и со духовни поуки. Врвеше само по еден пат - што води кон небото. Затоа низ неговата уста се изли Божјата благодат... Од неговата уста потече изворот на животните зборови, исполнувајќи ја нашата душа пресушена..."

Свети Климент му благодари на свети Кирил со една долга листа на заслуги, во која е најважна оценката за неговата етичка дејност: "Блажени да се твоите златнозрачни очи кои го одзедоа неразумното слепило од моите очи и им огреаја богоразумна светлина. Твоите ангеловидни зеници ми го разгонија слепилото на срцето и го просветија со боговдахновени зборови..." Со укажувањето дека со својот ум и добродетели свети Кирил високо летал со духовните крилја како орел, свети Климент истакнува дека основа за исправното живеење е **единството на мудроста и етичноста**, Таква синтеза остварил свети Константин-Кирил Философ - како светлина на умот, како неисцрпна ризница од поуки, како река, жива вода, од која течат дарови на животворниот дух. Мудроста има моќ да го облагороди животот. Свети Климент Охридски ги прославува своите учители не само заради умноста и реализираната културна задача, туку и заради нивната висока етичка самосвест, зашто биле **извор на добрина** за другите и блескав пример за своите почитувачи.

Кирил и Методиј Солунски се светители на духот и добрината. За нив **сознанието на доброто и доброто дејствување се идентични**. Во класична смисла, браќата сметале дека оној што знае што е добро и ќе прави добро. Затоа тие се посветиле на **воздигнувањето на луѓето**. Сите Словени нив ги слават како просветители и втемелувачи на моралот. Нивниот силен плам никогаш не запре да гори. Папата **Јован Павле II** (1920-2005), кој беше прв римски епископ Словен, а инаку етичар по професијата, неодамна прогласен за светец, во 1985 година ги прогласи светите Кирил и Методиј за *духовни покровители на Европа*, истакнувајќи ја нивната ученост, учителска моќ и морална доблест. Во својата културна функција етиката значи посветеност кон воздигнување на луѓето.

#### Мисли на светите Кирил и Методиј

"Философијата е разбирање на Божјите и на човечките нешта, за човек да може да му се доближи на Бога. Таа го учи човека со делата да биде слика и лика на оној што него го создал." (Свети Кирил)

"Каква полза има човек - и целиот свет да го добие, а душата своја да ја испразни или да ја погуби? Што ќе добие човек во замена за својата душа?" (Свети Методиј)

"Не врне ли дожд од Бога подеднакво за сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зар не дишеме воздух сите подеднакво? Па тогаш, како не се срамите да признаете само три јазика, а сите други народи сакате да бидат слепи и глуви?" (Свети Кирил)

# 29. Свети Климент Охридски

## ТРГАЈ СЕ ОД ЗЛОТО И ПРАВИ ДОБРО!



Етичките идеи имаат татковска смисла на правилно насочување на човечкото внимание и поведение. Некои од нив се најблиски до нашата душа, бидејќи непосредно се свртени кон нашиот дух и се директни извори на нашиот морал. Тие предничат во водењето на нашето морално однесување, нив најповеќе ги слушаме, имаме најдобар слух за нивната поука. Советите за облагородување на луѓето и за избирање на она што е најдобро се основни **татковски етички пораки**. Таква етичка сила за нас имаат пораките на свети Климент Охридски. Етичките норми искажани од него се база на нашата етика, тие имаат фундаментално значење за нашиот морален систем.

Сите Словени ги слават духовните творци на нивната култура и морал - големите филозофи, учители и етичари **светите Кирил и Методиј**. Покрај нивното дело и поуки, за нас Македонците особено значење за нашето разбирање на светот и животот имаат поттикнувањата од нивните ученици, големите моралисти **светите Климент и Наум Охридски**, кои се **духовни творци на македонската култура и нација**. Тие не се само најспособни и најзначајни личности кои живееле и твореле во Македонија од Средниот век до денес, тие се **наши првоучители**, оние чија дејност и мисла лежат во темелите на постоењето и на културната доблест на нашиот народ. Тие ја покажале насоката по која тргнале нашите предци, па и ние треба да размислуваме и да градиме врз истите основи.

За **свети Климент** не се знае кога е роден (околу 830 година), ни како се викал како дете. Потекнува најверојатно од Охридско. Во Рим веќе ги придружувал своите учители. Таму закалуѓерен, го добил името на третиот папа Климент, ученик на светите Петар и Павле, чии маченички коски светите Кирил и Методиј ги вратиле во Рим. Работел со свети Методиј во Панонија. По тешките борби и страдања, а по изгонувањето на учениците по смртта на учителот, дошол во тукуштo христијанизираното Бугарско Царство. Го испратиле за учител и свештеник во Охридско (според некои понови сознанија, месноста Девол, во која Климент ја започнал својата мисија, е во Тиквешијата, покрај Дреновската Клисура).

Свети Климент ја создал втората верзија на словенското писмо - **кирилицата**, тој ги напишал светите книги (*житија*) за своите велики учители. Во Охрид го основал **првиот словенски универзитет**, во кој обучил **3.500** млади ученици да ја шират верата и просветата. Заедно со свети Наум, тој е создател на првите словенски манастири како културни и животни центри. Свети Климент бил **прв словенски епископ** кај јужните Словени. Умрел во 916 година во Охрид.

Погребан е во неговиот манастир на Плаошник (кој бил разурнат, а сега во Република Македонија е реконструиран).

Свети Климент бил величествен и плодотворен **творец**, фантастичен **беседник** и одличен **писател**, чии дела се сочувани до денес. Бил првокласен организатор, силен **педагог**, лекар, прв советник по земјоделството, композитор. Напоредно со делото, блеска неговата личност со лично беспрекорно однесување, со вистинска светителска доблест и крајна човечка доследност, издржливост и исполнителност, со голема енергија и со беспрекорна чистота на замислата и творбата. Имал извонредно чувство за должноста, се грижел за луѓето кои **од него очекувале реч, совет и поука**. Трогателна е неговата љубов за градот Охрид, над кого се трудел да воспостави Божји благослов и кого и денес го заштитува. Тој е предната, **прва личност на Македонските Словени**, и според временскиот след, и според доблестите и угледот, и според делото, и според високата позиција, и според влијанието врз нашиот развиток.

Свети Климент не е само величествен моралист, најумниот и најдобриот човек од сите нас и наш образец. Тој е и **првиот и најдобар етичар** во нашата култура. Има напишано неколку првокласни философско-теолошки расправи за целите на Бога, за смислата на Христовото дејствување, за идејата на човековиот престој на земјата и за влијанието на човековото однесување врз својата сопствена судбина. Создал многу беседи, во кои со убав стил, со ум и разлози едноставно ги објаснува теолошките и етичките прашања. Бил вешт автор, а старите и денешните почитувачи го споредуваат со најспособните христијански беседници светите Јован Златоуст и Василиј Велики.

Како водач на својот народ, свети Климент **ја истакнувал етичката функција**. Секој од неговите сочувани текстови има морална нишка, некои од нив се првокласни етички расправи, актуелни до денес. Тој ги подучува верниците и свештениците дека нема ништо полошо од морална несвесност, дека од морална пропаст нема спасение. Се лаже оној кој верува дека неморалното дејствување останува незабележано, дека со него ќе освои некаква придобивка и дека тоа ќе може да го оправда. **Неморалноста е спротивна на човечноста**. Таа е деградација на човечкото суштество, изместување на неговата природна функција, свртеност кон пропаѓање. Страста за негативното ја растројува човековата егзистенција, бидејќи го уништува она што кај човекот е од Бога. Свети Климент не му благодари на свети Кирил само за описменувањето, кое му го избркало неразумното слепило од очите, туку и за моралните поуки, кои му “го разгонија слепилото на срцето“. За свети Климент претпоставка за правилниот живот, како што сметаше и свети Кирил, се **единството на мудроста и етичноста**.

Со страсни зборови свети Климент ги велича моралните дела и етичкиот образец на своите учители. Таква мисла има само оној кој ја почитува етиката. Како што свети Кирил ѝ се посветил на Софија, на премудроста, би можеле да кажеме дека свети Климент ѝ бил посветен на Етиката, на добрата мисла и дело. Во основната книга за него, во неговото Пространо житие, за животниот ангажман на свети Климент се вели: “Со сите сили тој се трудел да ја превозмогне рамнодушноста на народот спрема Божјите нешта... и особено **да ја омекне жестокоста, суровоста и грубоста** на нивните срца... Тој **се трудел да ги измени мислите на луѓето кон кроткост и човештина**“.

Зборовите и делата на свети Климент се насочени кон етичко облагородување на човечкото однесување. Во прочуеното слово “Поука кон луѓето“, тој вели: “Одвишно зборување е да се бара од Бога богатство, или чест, или надвивање на непријателите, или нешто друго земно; туку барајте го првин

царството небесно и неговата правдина“. За да се оствари тој етички пат, свети Климент препорачува: “Кога празнуваме празници на светители, вака прилега да се чини: најпрво да се угледаме на нивната чистота и на нивниот добар живот и на нивните добродетели... Нив **да ги следиме со своето дело**, со чистотата на својата душа, просветлувајќи ги срцата и правејќи свети дела секогаш. Такво празнување сака Господ... кога со смирение и нелицемерие, со вистинска љубов ќе се почитуваме еден со друг“.

Пораката на свети Климент е јасна, тоа е нашиот, македонски категорички императив. најважна етичка поука и порака кажана во Македонија: **ТРГАЈ СЕ ОД ЗЛОТО И ПРАВИ ДОБРО!**

Со своите подучувања свети Климент ја обликувал нашата етичка ситуација, насоки и стандарди. Тој сакал луѓето да бидат почисти од златото, да не ги губат туку да ги возобновуваат своите човечки својства, да се истакнуваат со чистота и со добрина и да го сторат својот живот достоен. Тој велел дека не треба “само со збор да се наречуваме христијани, туку во духовен подвиг да се поставиме и **да се надминуваме еден со друг со добрина**... Отсега **Господа наш да го прославуваме со добри дела**, иако сме навикнале да живееме во слабост и мрзеливост до ден денешен, но уште од денес да се помачиме за добри дела“.

Свети Климент јасно ги определува злите дела, тие немаат апстрактна содржина. И добрините се конкретни, па и злото и лоштотилакот се определени и лично препознатливи. Списокот на **неморалните дела е долг**, нив ги има доста кај оние кои прават зло, но некои се јавуваат повремено и кај оние кои, главно, внимаваат на своето однесување - не само што човекот не е ангел, туку неговата психичка структура е таква што лесно греши. Кај свети Климент станува збор за воспоставувањето на поцврста индивидуална морална структура, која нема да не́ води кон злодејства, туку принципиелно кон кооперативно и чесно сожителство со другите луѓе, со ближните. Затоа моралните пораки на свети Климент зрачат со доблест и животност, со реалност која и денес е актуелна: “Вистински пост не е само да се воздржуваш од храна или од пиење, туку да избегнуваш секаков грев... Треба да се избавуваме од гревови и од секаква напаст. Затоа, браќа, да го земеме светителот за пример и така добри дела да чиниме. Оти, и тој бил човек како нас, но мразел секаква лоштотија, а ја љубел Божјата добродетел и милост. Да се потрудиме веќе и ние да ги засакаме нив“.

Во поуките на свети Климент се гледа големо животно искуство во моралното судење. Тој прво посочува на себе: “На епископот и на попот му прилега да ги поучува и да ги упатува луѓето што му се доверени. А тој самиот **прв** треба да се оттргнува од секакво зло... Епископот треба да е **беспорочен**, како Божји пратеник, да не си угодува себеси, ниту да се гневи, да не е пијаница и злобен, да не е лаком на дарови, но да е гостољубив и справедлив, да им помага на тие што му се доверени, поучувајќи ги... Да биде моќен утешител, **самиот во се́ да дава пример со добро дело**“.

Свети Климент е сакан зачетник на нашиот живот, бидејќи од животот барал квалитет, му придавал важност на моралот, ја истакнувал одговорноста на луѓето и тоа го потврдувал со личен пример. Истото тоа го правел и неговиот брат **свети Наум Охридски** (835-910), негов другар не само во верските и просветителските работи, туку и во личниот ангажман на етичка проекција и воспитување. Охридската книжевна школа, што тие ја воспоставиле и први ја воделе, е најсветол паметник на нашата опстојба, вера и култура. Тие се **нашите најголеми светители**, личности кои им прават чест на Македонија и на Охрид како наш историски духовен центар, тие се наши камен темелници и духовни светилници и, при тоа, водечки моралисти, кои со своите идеи и со своите дела ги

отвораат и чистат нашите срца и на сите доброљубиви луѓе им го покажуваат вистинскиот пат. Свети Наум го заменил свети Климента на челото на Охридска школа кога овој станал епископ и го создал **првиот манастир во Македонија** и **првата болница**, на изворот на Охридското Езеро. Нивната слава трае и по 11 векови. Затоа свети Наум е и *заштитник на македонската медицина*.

Светите Климент и Наум се наши *прародители* - зашто оној кој некого обучува во моралот, тој е негов најдобар пријател и вистински татко, бидејќи е водител на правилноста на неговиот живот. Величествената христијанска љубов и општочовечката загриженост се воведени во духот и во животите на нашите предци од светите Климент и Наум. Тие им покажале на луѓето дека **добрината е светилник во животните тешкотии**. Затоа нив ги почитуваат сите, тие се заштитници на Охрид и на сета Македонија, ние го славиме нивниот помен и дело. Тие имале прекрасни својства, тие се наши светци на добрата волја, чувари на настраданите, исцелители на болните, покровители на настојувањата, на љубовта и на творештвото. Тие благи и трудољубиви светци, тивки и вредни работници, се покровители на добрината, на човечката доблест и скромност, на нашата просвета и духовност, заштитници на нашата грижа за здравјето. Светите Климент и Наум Охридски се и природни **заштитници на нашата етика**, на добрите дела, на одговорноста и на жртвувањето, на помошта и солидарноста, на добромислата и добродетелта и на нивното развивање - зашто тие нив предано и сесрдно ги бранеле, застапувале и покажувале.

Светите Климент и Наум, најблагородните, најумни, најскромни и најдоблесни помеѓу благородните, умните, скромните и доблесните македонски луѓе, се основата на нашиот народ и постоење. Етичката традиција ја поврзува сегашнината на секој народ и заедница со нивното минато и со нивната иднина. Ние сме чеда на светите Климент и Наум и затоа **нивниот морал е наш морал и треба да биде наш морал**. Треба да живееме според укажувањата на своите духовни и етички прародители. Тие треба да бидат извори на нашите етички сознанија и поттик за нашата етичка преродба. Во заложбите за воспоставување на етичко образование на младите кај нас, посочивме дека база за тоа се ликовите, сознанијата и поуките на светите Климент и Наум и нив младите сесрдно ги прифаќаат како такви.

**Етички мисли на свети Климент Охридски**

“Тргај се од злото и прави добро!“

“Да се надминуваме еден со друг со добрина.“

“Нашиот светител да го прославуваме отсега со добри дела, ...уште од денес да се помачиме за добри дела.“

# 30. Ибн Сина

## ДОБРОТО Е ПОСТИГНУВАЊЕ НА СВОЕ СОВРШЕНСТВО



Етичарите се универзални мислители. Сепак, тие се скромни и главно немаат амбиција да бидат сфатени насекаде во светот, а нивните мисли да влијаат суштествено врз етичката практика на сите луѓе (иако Кант ќе потсети *универзалистички* дека треба да се постапува така што *сите* луѓе да може да посакаат да ја прифатат таквата норма како *општ* принцип). Иако етичарите пред сé им говорат на луѓето околу себе, нивното дело се однесува на моќта на човечкото судење и оценување, животно инспирирање и дејствување, кои се поврзани со единката и нејзината творечка сила и амбиција. Но, еден дамнешен мислител влијаеше најпрвин врз идеите, медицината и етичката практика на својот културен круг, за потоа да стане широко познат творец, кој до денеска, и по илјада години, **насекаде ужива најголем духовен углед**. Тоа е Ибн Сина, со латинско име Авицена.

Абу Али Хусаин ибн Абдулах **ибн Сина** е роден во 980 година во големиот средноазиски научен центар Бухара. Кога во XII век неговите дела биле преведени во Шпанија на латински јазик, според шпанското читање на името "Абен Сина" била создадена формата **Авицена** (и до денес позната во медицината, фармацијата и философијата). Потекнувал од богато благородничко семејство. Исклучително талентиран за учење, ги изучил сите познати науки и се здобил со огромно знаење. На 16 години веќе бил лекар. По година дена еден принц го поканил да го лекува. Ибн Сина успеал и почнал да се здобива со слава на најголем видар. Живеал во разни краишта на Персија, во златниот век на исламската култура. Предавал, лекувал и го пишувал своето капитално дело "Канун", кое сé уште е најпознато медицинско дело на Исток, а на Запад неколку векови било основа за медицинските истражувања, студирање и практика.

Истовремено Ибн Сина ги развивал и своите философски сознанија. Аристотеловото дело "Метафизика" го прочитал 40 пати пред да го разбере. Потоа Ибн Сина создал **прв исламски философски систем**, една творечка интерпретација на *аристотелизмот*, проникната со неоплатонизмот. Неговите идеи влијаеле и врз многу големи европски мислители (Алберт Велики, Тома Аквински, Дунс Скот и др.). Работел деноноќно. Бил дури везир (највисок министер), го повикувале за лекарска помош, а ноќе со своите помошници пишувал коментари на Аристотеловите дела. По работата, пред кусиот утрински одмор, сепак уживал и во животот, во разговорот, виното и музиката (што е персиска духовна традиција, според прочуените "Рубаии" од Омер Хајам).

Пред Ибн Сина постоеле неколку исламски философи. Првиот философ Арап е **ал-Кинди** (801-873), правник и лекар, автор на 270 дела. Со него философијата станала дел од арапската култура. Запишал: "Философијата е сознание на реалноста во рамките на човековите способности; целта на философијата е во своето теоретско познание да ја постигне вистината, а во своето практично познание да се однесува во согласност со вистината". Теоретската философија (во аристотеловска смисла) се физиката, математиката

и метафизиката, а практичната се етиката, економијата и политиката, кои се однесуваат на сопственото однесување, на работењето и на водењето на домот и на раководењето со градот-заедницата. Човекот заповедите ги добил од Бога преку пророците и секое отстапување од заповедите се казнува. Добродетелта не е цел сама за себе, туку средство за достигање на среќа кај човекот кој го дознал Бога. Сознанието служи да се сочува *чистотата на душата*, која е единствено способна да ја разбере Светлината на Бога и така да си обезбеди вистинско блаженство. Во душата на човекот постои **природен стремеж кон доброто**, што доаѓа од божествената природа на душата. Нашиот престој на земјата е привремен, ние сме тука на помин, на пат кон вечниот свет. Најнизок човек е оној кој го одбира материјалното пред духовното и си го нарушува својот пат кон вечноста.

Мухамед ибн Закарија ибн Јахја **ал-Рази** (865-925) бил златар, па управник на болница. Сиромашните ги лекувал бесплатно. Кога ослепел од многу научни испитувања и хемиски испарувања, одбил да се лекува велејќи дека видел веќе доста и сит е од светот. Тој строг *рационалист*, правел експерименти и набљудувања, верувал во науката: "Најдобриот Божји подарок за нас е разумот. Со разумот сознаваме што ни е корисно и што нашиот живот го прави добар". Бог му дал на човекот интелигенција за да му покаже дека овој свет не е вистинскиот свет. Оној кој студира философија го сознава светот и може да се спаси од бедната положба. Според ал-Рази, философот не треба да биде ниту аскет ниту да се стреми само кон задоволствата. Човекот може да живее помеѓу двеве граници, а да не биде недостојно да се нарече философ. Бидејќи умот е најдобар судија и водач, ал-Рази покажува како можат да се смират и контролираат страстите. Љубовта е потчинување на умот на чувствата. Ако човекот е задоволен со она што има, нема да биде завидлив.

Познатиот мислител Абу Наср **ал-Фараби** (870-950) го нарекле "втор Учител", по Аристотел, затоа што ја внесол логиката во арапската философија. Целта на философијата е доаѓање до вистината и затоа постои само една школа, таа на вистината. Како што во политиката се штетни партиите, исто така е и во философијата. Според Аристотел, и тој философијата ја дели на теоретска и практична. Етиката се однесува на карактерите на луѓето. Човекот е создаден да може да реализира најголема среќа. Но, треба да знае што е среќата и како се постигнува. За тоа треба да учи, потребен му е учител. Со воспитувањето се постигнуваат моралните добродетели. Сите треба да научат добрите дела да завладеат со нивните души и да се посветат на нивното извршување.

Се гледа дека првите арапски философи само ги пренесувале старохеленските идеи, а **Ибн Сина бил првиот оригинален арапски мислител**. Напишал 242 дела. На Исток и сега го цитираат. Оставил големи траги врз духовниот живот во европското Средовековие, бил **инспиратор на сколастиката**. Направил “Книга за непристрасно просудување“, во која во 20 томови се објаснети 28.000 прашања (од ова најголемо коментаторско философско дело се останати само делови, зашто оригиналот е загубен во едно војно пљачкосување, кое, покрај останатите човечки дострели, посебно е настрвено да ја напаѓа философијата). Овој енциклопедист умрел во 1037 година. Кога беше одбележувана неговата *илјадагодишнина*, во 1954 година над гробот на Ибн Сина е поставен величествен мавзолеј. Една од најголемите светски научни награди го носи името на Авицена.

Овој **универзален интелектуалец** го сметаат за најзначаен арапски философ во историјата. Постоеле мошне значајни арапски философи со автентични идеи и големо влијание, но само Ибн Сина создал обемен и

разработен философски систем, кој бил доминантен неколку столетија. Во своите дела Ибн Сина дава основа за подобро разбирање на исламскиот пристап и практика. Во сите свои творби **зборува за етиката**, најчесто за суштинските проблеми на односот помеѓу метафизиката и етиката. Позната е трилогијата на Ибн Сина, од кои и денес е светски познато делото "Кажувањата за Салман и Абсал (Соломон и Авесалом)". Тоа се збирки од негови искажувања, полни со симболи и визии, карактеристични за т.н. "светлосна" *философија на блеснување на духот*. Тој тоа го нарекувал "источна философија" (размисли од изгревот на Сонцето), негов личен придонес кон крајната духовност, која сака да дојде до апсолутното сознание како што тоа го прават источните мислители, остварувајќи силна светлина, која се појавува од истокот.

Едно од последните трудови на Ибн Сина "Знаци и предупредувања" содржи негови размислувања по долгиот животен пат, со кои на читателите им **препорачува мудрост и длабоко посветување на духовниот развиток**. Последните три поглавја се сметаат како јасно приклонување на големиот мислител кон езотеричната философија. Најголем коментар на ова дело дал персискиот мислител *Насрудин Туси* (1201-1258), кој особено се истакнувал во етичките истражувања.

Според Ибн Сина, Бог е Вистина, Добро, Љубов и Живот. Бидејќи атрибутите на Бога не можат да се разлачат, **Божјата Добрина е идентична со неговата Љубов**. Како апсолутно Добро, Бог нужно се стреми кон ширење на својата добрина. Тој неа ја зрачи. Тоа значи дека Бог *непрестајно создава*. Тој е Творец. Така создавањето на светот и постојаното создавање во светот се претставени како еманација (сеење од Бога), а вечноста на светот е нужност на постоењето на светот според Бога, како што знаењето за деталите во светот е универзално Божје знаење.

Во прецизно и доследно изведениот систем на Ибн Сина аристотеловско-неоплатонистичките философски идеи се поврзани со исламската традиција. Врвното Суштество има многу својства - 99 на број. Меѓу својствата на Бога, кои се истовремено и *вредности* на човештвото, а се наведуваат и во Коранот и во молитвите, едно од најважните својства е дека Бог е Чисто Добро, Апсолутна Добрина.

Оттука кај Ибн Сина на специфичен начин е решена дилемата **откаде произлегува злото**, кое постои во светот. Дали тоа потекнува од Бога, како што од Бога произлегуваат и другите суштествувања? Дали Божјата промисла може да се усогласи со постоењето на злото, кога Бог е Добар, Творец, Милосрден, Зналец, Моќен...? Во Средниот век философите воделе голема расправа за ова прашање (кое е актуелно и денес кај религиозните мислители). Во својот философски систем Ибн Сина дал особен придонес за разбирање на овој проблем. Природата на злото Ибн Сина ја разрешува разликувајќи ги нужните од случајните појави, незаобиколните причини од небитните (акциденталните) причини. Според Ибн Сина, злото суштествено е спротивно на доброто. Доброто е универзален принцип, а злото е недостиг на добро. Перспективата на доброто тој ја согледува низ хиерархијата на егзистенцијата, т.е. во нејзините највисоки сфери, кои се во непосредна близина на Изворот на постоењето на нештата.

Злото, според Ибн Сина, како спротивност на доброто, се наоѓа во земскиот, а не во небескиот свет. Небескиот свет е свет на интелигибилиите (умните суштествувања), тој е сосема поинаков и со поинаков квалитет од светот на настанувањето и пропаѓањето. Небескиот свет, бидејќи е интелибигилен, е далеку од материјата. Тој свет во целост е исполнет со добро и е царство во кое владее доброто. Интелигибилиите или чистите форми не можат

да бидат зли, тие се спротивни на злите нешта. Поради тоа Ибн Сина настојува да докаже - особено во делото “Кажувањата за Салман и Абсал“ - дека злото постои во подрачјето на случајните причини и последици и не е иманентно на Божјата определба. Злото постои, сметал Ибн Сина, помеѓу несуштествата, како акциденција, како нешто небитно, а не како суштествено својство. Оттука злото е акцидентално, за разлика од доброто, кое влегува во Божјата суштина и постои по себе.

Вредносната анализа на доброто, според Ибн Сина, покажува дека сé настојува да го постигне **своето совршенство**. Злото се однесува на она што не заслужува да постои, што е недостиг, тоа е она што на нештото му оневозможува да го постигне своето совршенство.

Покрај ваквата согледба на злото од метафизичко-аксиолошки аспект, Ибн Сина злото го согледува и од физички и од етички аспект. Злото во физичка смисла е, на пример, изобличување на созданијата. Злото од етички аспект се однесува на непристојните постапки и на сето она што е спротивно од засилувањето на добрата волја. Со други зборови, злото е резултат на материјата, односно на несуштественото постоење. Злото го нема во Божјата промисла, тоа не е посакано во првата намера, туку се изразува низ делата создадени од единичното и небитното, овие се негов негативен извор. Природното зло во светот своето постоење им го должи на материјата и на небитието. Следствено, злото е спротивно на Божјата Добрина и промисла во светот. Доброто, пак, е конзистентно со овие. Злото не е принцип во светот, туку споредна појава, површен резултат на материјата. Значи, доброто е постојано, а злото случајно дело на човекот и на другите недоволно свесни и неморални суштествувања.

Од етичка гледна точка, интересно е делото “Степените на вистинските познавачи“ за **скалите на сознанието на Бога** и за етиката на оние кои се стремат кон Бога. Тука Ибн Сина разработил еден многу важен аспект на особената мистичка практика, што предизвикало многу дискусии во исламскиот *суфизам*. Тој дава учење за степените на достигнатото мистичко сознание и на соодветната моралност. Според Ибн Сина, постојат три степени кои треба да ги помине оној кој вистински сака да го сознае Бога. Тоа се: аскет, побожен и збалец (суштествен познавач).

Целта на аскетот (*захид*) е да ги одбива уживањата и сластите на овој свет, за во вечниот свет Бог да му го подари она најдоброто и уште поголеми уживања; со откажувањето од благата од овој свет се купуваат благодаттите на другиот свет. За овој вид етичко умерено и воздржано дејствување постои награда и заслуга на другиот свет од Бога, но и спокојство освоено во овој свет. Меѓутоа, според Ибн Сина, со овој начин на живот, чија цел се награда, надоместок и “исплата“, не може вистински да се сознае Бог. А ако аскетизмот се спроведува во име на нешто друго или со некоја друга цел освен да се сознае Бог, тогаш етички не вреди многу, бидејќи само на Бога му припаѓа да ја преокупира душата, додека останатото нема никаква валидност.

Побожниот (*абид*), според Ибн Сина, е оној човек кој предано и со чиста намера ги извршува верските прописи намаз, пост и други религиски и етички должности слични на овие. Молитвата и извршувањето на верските обреди имаат свој удел во карактеристиката на личноста. Со тоа тој човек ја прочистува душата и го изострува духот. За пофалба, сепак, е кога некој прави молитва и верски обреди и ги следи верските заповеди за да го заслужи џенетот (рајот) и за да постигне награда и заслуга за добрите дела, а не заради некоја друга цел. Таквата вистинска побожност се истакнува кај Бога за благодарност и награда

за доброто дело. Меѓутоа, ни таквата личност не ги освојува највисоките дострели на религиозната и етичката посветеност.

Познавачот, “зналецот“ (*ариф*), се нарекува “оној кој го посветува своето размислување на светоста на Божјата сила и кој постојано копнее кон достигнување на озареност од светлината на Вистината во нејзината внатрешна тајност“. Овој степен е највисок во напредокот на човековиот живот, на ова ниво се постигнува вистинското сознание на Бога. За да го достигне ова религиозно и етичко скалило, на верникот, покрај силната и сосредоточена волја, му треба и духовна вежба во концентрација (*ријада*), со која душата се подготвува за екстаза.

Вакво езотерично учење често може да се сретне на Исток. Него го има и кај најрационалните мислители, кои ја образложуваат идејата за умен принцип на постоењето. Вакво е и познатото учењето на Ибн Сина за пророкот, кој ја исполнува задачата да ја пренесува Божјата објава. Но, профетското дејствување мора да ги задоволува философските и етичките критериуми. Врз основа на креативната согледба, пророкот создава нови морални вредности и влијае врз иднината. Успехот на пророкот зависи од тоа дали истакнатите цели се етични и дали општествено-политичките начела и структура имаат доволно етички квалитет. Значи, пророкот треба да биде добар законодавец и совршен државник. Законот, според Ибн Сина, треба да биде заснован врз правдината, која е основна социјална вредност. Законот мора да ги поттикнува луѓето да прават општествено добро, со тоа што во секој миг и постапка ќе ги потсетува на Бога и ќе им служи како педагошка мерка за да се свртат кон вистинските вредности и така да се доближат до вистинскиот Законодавец.

Ова покажува колку етиката има специфични појави и потреби, кои зависат од околностите, традицијата, вкупната духовна ориентација на соодветната средина. Меѓутоа, проблематиката на доброто и злото и прашањата на човечката посветеност кон правењето добро во личниот живот и во општеството се универзални прашања на човештвото. А за нив Ибн Сина даде одлични одговори и инспиративни идеи.

**Етички идеи од Ибн Сина**

"Тој ја дели философијата на неколку дисциплини: логика и философска пропедевтика; теориска философија, во што спаѓаат физиката, математиката и теологијата; и практична философија, во која се етиката, политиката и економијата."

"Бог е единствено суштество, но тој создава Ум, кој е двојство од есенција и егзистенција. Натаму следуваат десет степени на умови за да се стигне до множественоста на постоењето, во кое, како кај Аристотел, сé е материја обликувана од формата. Десеттиот ум е активниот разум во човекот."

"(Ибн Сина учи за) човечката природа - телото и душата немаат вистинска врска помеѓу нив. Тие се два различни ентитети."

# 31. Михаил Псел
# БАРАЊЕ НА ДОБРО РЕШЕНИЕ



**Секоја човечка заедница има своја етика**, тоа ја прави неа општество и цивилизација. Да се знае што е добро и да постои стремеж кон тоа, тоа е белег на правилно сознание и на добар избор на луѓето. Во секој живот сретнуваме етика која е најсоодветна за тој свет - или етиката што таму ја наоѓаме токму сведочи за знаењето, одговорностите и надежите на луѓето на таа заедница. Често ќе се најде и етичар, кој адекватно ги објаснува аксиолошкото насочување и етичките норми на тоа општество. Кога станува збор за поголеми заедници, који траат подолго, сретнуваме и низа етичари, кои не мора да се натпреваруваат кој подобро ќе го објасни моралниот пат на тие луѓе, но и кога тие научници се разликуваат помеѓу себе во ориентацијата и во стилот, сепак нивните идеи се блиски, зашто му припаѓаат на ист свет. Понекаде повеќе значајни мислители, сите заедно, подобро зборуваат за своите морални сознанија, кои се интересни за светот. Така е во Кина, во Индија, на Блискиот и Средниот Исток, на Медитеранот, во Западна Европа... Долги векови, милиони луѓе, бурни идеологии, слични но сепак различни морални решенија.

Таква е и етичката историја на едно од најголемите и најдолготрајни царства, **Византиското**. Тоа општество врвело 1.100 години по истиот пат и градело во континуитет слична етика, луѓето имале исти генерални цели, владеал ист систем, вредностите не се менувале, разработувани се слични норми, сите потраги за нешто ново биле насочени да се потврди најдоброто старо решение. Византискиот филозоф со највисок углед *Михаил Псел*, кој навестуваше нови духовни барања, претставува средишна оска околу која ќе се обидеме накусо да ги претставиме етичките дилеми и насоки на тој голем свет, сега помалку заборавен, со бурни етички дискусии и со огромни религиски надежи во него (чии духовни траги во мислењето, етиката, религијата, политиката, социјалните цели се евидентни уште кај нас, кои бевме дел од тоа Царство или ја следевме неговата култура и духовност и дававме творечки придонес кон неа - впрочем Македонија е блиску до Цариград, Солун бил втор по големина византиски град во Европа, на еден крак од полуостровот Халкидик е најпознатиот религиски православен манастирски комплекс Света Гора, а Охридската архиепископија била поврзана со Цариградската патријаршија).

Од почетокот на Византија до освојувањата на Цариград од Османлиите, луѓето настојувале да развијат **христијански поглед на светот**, да дадат толкување на Божјите намери, а човекот да постапува са цел да го задоволи својот Творец. Духовноста била и основа и составен дел на севкупното живеење во оваа сложена држава, луѓето живееле подготвувајќи се за *подобриот друг свет*. Истовремено учените луѓе се труделе да навлезат во интелектуалното минато на Хелада, во која, на местото каде што се распростираше Византија, порано дејствувале многу умови, који

оставиле безбројни автентични дела, со разни теми и ориентации. Од тие стари автори (Платон, Аристотел, Плутарх...?) имало уште идеи кои зрачат. Византијците особено истражувале дали старите мудреци знаеле дека доаѓа Месија-Исус и дали во нивните трудови може да се насети тој светскоисториски настан и развиток. Со своите дела новите интелектуалци се труделе да ги достигнат височините на оригиналното христијанство и за човечкото настапување да подготват норми, кои ќе овозможат правилно верско живеење и фантастично разрешување на средбата со Бога по смртта.

Византија била чудна држава. Се протегала на три континенти и во определени периоди била најмоќна **светска сила**. Во себе била конгломерат од народи, со безброј јазици и интереси, но са *доминантна вера*, која ги поврзувала. Константинопол бил **најголем град на светот** (и практично не можел да биде освоен), државата лежала на крстопат од патишта и имала најразвиена светска трговија, сообраќај, наука и производство. Од почетоците до крајот таа била типично *феудална* држава, со цела хиерархија на власти и субординации. Непрекинато цутеле *династички борби*. Постојано се воделе војни со сите соседи - Персијанци, Арапи, Словени, Германи, монголски и турски племиња. Византија имаше догматски пат во христијанството. Чуваше и градеше бројни цркви и манастири, кои имаа огромни имоти. Страсно гонеше секти и ереси, прва спроведуваше верски смртни казнувања и ги спалуваше оние кои мислат поинаку. Сто години (7-8-ми век) во неа владееше духовна и реална битка околу иконите (*иконокласти*, иконоборство), кога се уништувани фрески и икони како идолатриски претстави и поттици. Исто така некои страсни верници градеа столбови (*стилити*), на коишто престојуваа со години или по неколку децении, така покажувајќи ја јавно својата верска посветеност, аскеза и подобрена врска со Бога. *Света Гора*, на халкидичкиот крак кај Солун, комплекс од манастири, монашка република, активна е и денес. Во Византија е постигнат исклучителен уметнички развиток, во некои периоди врвен за целиот свет (некои од прекрасните дела се на македонска територија). Но, таа полако ги губеше силата и територииите; иако се нарекуваше *Втор Рим*, стануваше второкласна сила. Не запре да се кошка околу предимството со римскиот епископ-папа т.е. со католичанството, сметајќи ги своето учење и црквена власт за подобри и посилни (привремено во 867 година, со патријархот Фотиј, но во 1054 година дефинитивно, помеѓу Византија и Рим настапи *раскол*, со меѓусебни анатеми, кој до сега не е надминат). Кога дефинитивно остана без територии и ѝ се закани целосно освојување од Османлиите, ни тогаш Византија не се согласуваше на компромис со Западот, кој ѝ беше "крвен непријател" (Осмалиите повеќе од 500 години владееја со речиси истата територија и народи, со сличен државен систем и резон, само што главна религија беше *исламот*; Москва го презеде името и улогата на *Трет Рим*).

Византија е директен **наследник на Римското Царство**. Кога во најголемото царство беа воведени прво два императори, а потоа и два нивни заменици-цезари, продолжи агонијата на бескрајните граѓански војни. При тоа римјаните беа трпеливи кон разни религии, но ги гонеа христијаните, ги сметаа за опасен елемент за единството на државата. Јудеите се опираа еднаш годишно да му даваат верска почит на императорот како живо божество (што започна од Октавијан Август, внук на Јулиј Цезар, кого го прогласија живо божество по убиството на вујкото). Монотеистите јудеи отфрлаа да слават друг освен својот Бог, а христијаните, најнапред еврејска секта, а потоа верници на самостојна црква, се однесуваа исто. По уништувачкиот бунт, Евреите ги раселија за следните 2.000 години низ целиот свет, но во огромното Римско Царство во тоа време почна да се развива култот на распнатиот и воскреснат *Христос*, со надеж за вечно спасение на оној свет. Во 313 година е дозволена христијанската вера, а во **324 година** таа вера ја прифати како официјална за Царството императорот **Константин** (роден во Ниш во 280 година), на

кого пред решавачката битка во 312 година му се појави на небото *Крст* со блескави букви *Во овој знак ќе победиш!* Царот го напушти Рим и во 330 година за престолнина го прогласи **Визант**, град на најубавото место на светот, помеѓу два континенти, кој го нарече со своето име **Константинопол**, веднаш го опреми со сите институции и со голем број царски градби и цркви. Со мајка му света Елена, царот Константин стана голем светител, заштитник на христијанската вера, традиција и правилни доктрини. Даваше донации на Црквата и тоа се воспостави како правило за можноста за спас. Се мешаше во изборот на епископите и претседаваше со црквените собири, а на првиот Никејски собор во 325 година се усвоени **основните начела на христијанската вера**, кои и денес се важечки. Додека не умре во 337 година, Константин Велики го покажа патот по кој ќе одат Византија и нејзините луѓе, и така беше сé до паѓањето на Цариград во турски раце во 1453 година.

Рим имаше своја граѓанска, војна и политичка етика и познати философи на моралот. Во новиот град и царство, речиси сите луѓе и сите дејности прогледаа со христијански очи и бараа *христијански морал*. Границата на доминирањето на латинскиот и грчкиот јазик одеше по средината на Балканот и на два дела го сечеше Медитеранот, па и толкувањата на Христа, смислата на верата и организацијата на религијата стануваа различни. Во нашите текстови пишувавме за апостолот Павле, но и за дејствувањето на првите големи етичари светите Јован Златоуст и Аврелиј Августин на двете страни на овој простор, кој и до денес е поделен со верска граница. Го претставивме делото на светите Кирил и Методиј во образованието и етичкото воздигнување на Словените, како и посебниот придонес на светите Климент и Наум Охридски во Македонија, а тука е и делото на парискиот философ Пјер Абелар, кој даде основи за една нова етика на Западот. За разбирање на мислењата и на етиката во Византији е важно да се даде барем краток преглед на развојот на етичките погледи. Цар *Јустинијан* (482-565), роден во околијата на Скопје, го објави во *Цариград* (како што Словените почнаа да го нарекуваат Визант-Константинопол) последното античко големо дело - комплекс и синтеза на *римското право*, кое до денес влијае врз развојот на правното размислување и правната практика. Истовремено ја забрани натамошната работа на Платоновата Академија, која 8 векови била најпознат универзитет на античкиот свет (философите се преселија во Персија). Тој даде да се изгради и *Света Софија* (537), најголемиот христијански храм на светот (кој денес е музеј на христијанството и на исламот, бидејќи Мехмед Освојувачот го пренамени за џамија, но новиот татко на Турција Кемал Ататурк, по потекло од Солун, го нарече споменик на две религии). Во Константинопол во меѓувреме престанаа да зборуваат латински и минаа на домашен грчки. Тоа резултираше со соодветен духовен развој и етички разјаснувања. Почна влијанието од античките хеленски мислители, пред сé од Платон и Аристотел, а делуваа и александриските мудреци, зашто Александрија е првиот голем град во кој се разви хеленскиот неоплатонизам и се појавија првите христијански толкувања (на Евангелијата и на целата Библија), монаси, верски диспути и сл. Не можат ни да се набројат илјадниците теолози и етичари на византиската етика, ніе ќе ги изложиме вредностите на неколку најпознати.

**Псевдо-Дионизиј Ареопагит** (V век), веројатно од Сирија, зел *псевдоним* според првиот покрстеник од свети Павле во Атина, истовремено и прв атински епископ, и напишал дела со трајна религиозна вредност. Бог дал објаснување за Своето постоења и креација со директна Објава на луѓето. Но тоа не е достатно за философско разбирање на Божјето дело, зашто философијата сака да го види Бога со Неговата супериорна природа и најголема добрина. Меѓутоа, тоа не е достапно за луѓето, па е нужно да се развие *апофатичка* философија, со која се согледуваат

божествената светлина и **љубов**, која нас нé поврзува со другите луѓе. Сето тоа не може да се разбере со разумот, но е блиско до срцото, а и Бог ги користи Своите моќи да нé упати во овие тајни, за што помагаат црковните личности и институции (за апофатичката философија докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје напиша познатиот македонски теолог д-р Отец Стефан Санџакоски, од Струга, професор на Богословскиот факултет).

**Јован Лествичник** (крај на VI, почеток на VII век), веројатно од Сирија, поттикнат од љубовта кон Бога, со 17 година дошол во Синајската Гора, каде 19 години духовно бил воден од еден стар мудрец. По неговата смрт, се преселил на слично место. Во постојани молитви и пост, со покајнички солзи, осамен и не говорејќи, сепак не ги одбивал оние кои сакале да му се придружат. На молба од браќата монаси, се прифатил да го раководи манастирот. Напишал прочуен етички текст "**Скали кон рајот**", во кој ги советува христијаните да ги насочат мислите кон Бога и со низа добродетели да постигнат *духовно совршенство*. Во предговорот е одбележано дека оваа книга го покажува најточнијот пат за сите кои брзаат да си ги запишат имињата во небесната книга на Животот. Таа ги претставува возвишените скали кои водат од земскиот простор кон Светото место, на чиј врв е Бог на љубовта. *Триесет скалила* (според годините на Исусовиот живот) водат кон *праведноста*. Прво е откажување од световното живеење. Потоа бестрастие, оставање на грижата за овој свет. Потем отстранување од светот, па блажена послушност, ефектно покајание, размислување за смртта, радосно плачење, напуштање на гневот, на злопамењењето, на лошите зборови и на клеветењето. По тоа следи намалување на говорењето и молчење, избегнување на лажење, на мрзеливост, на алчност и на среброљубие. Посебно се говори за бестелесното живеење, како и за луѓето кои живеат чисто и мудро, а тоа го освојуваат со работа и зноење, потоа за напуштањето на земните грижи, за беземоционалноста како умртвување на душата пред смртта на телото. Даден е и приказ на молитвите и на песните во храмот и на телесното бдеење. Негативните страсти, кои треба да се напуштат, се малодушноста, стравувањата, суетата, безумната горделивост. Позитивните акти се кроткоста, едноставноста и незлонамерноста (кои не се дел на природата во личноста, туку се освојуваат со настојување и труд), искоренување на страстите и целосно смирување на умот, добродетели, благи мисли, свето молчење на телото и на душата, *молитва*, која е *мајка на добродетелта*. Земното небо значи бестрасност и совршенство како подражавање на Бога и воскрснување на душата пред општиот воскрес, а посебно на крајот се истакнува сојузот на трите добродетели - вера, надеж и љубов. Сиот овој обемен текст е исполнет со примери и објаснувања, кои му помагаат на верникот во неговото богоугодно насочување. Како пример на етичките зборови од Јован Лествичник приведуваме: "Бог не е ниту виновник ниту причинител на злото. Затоа се во заблуда оние кои велат дека некои страсти се природни за душата - тие не разбираат дека ние кон страстите ги пресвртевме природните својства за добро".

**Максим Исповедник** (580-662), роден во Цариград во истакнато семејство, одлично образован, са посебно интересирање студирал философија. Бил дури и царев секретар, но поради секташките борби е иставен од тоа место. Се повлекол во манастир, а потоа патувал низ целиот Медитеран, застапувајќи ги православните погледи за Исус богочовекот, против монофизитските или монотелитските секти (кои тврдеа дека Исус има или само човечко тело или само божествено постоење). Не отстапил ни пред најголемите силници, цареви и папи. Му ги отсекле јазикот и десната рака, за да не може да проповеда ниту да пишува. Неговите трудови за разни теолошки прашања се важни, а за етиката особено се суштествени неговите 400 поглавија за *милосрдието*, една од клучните христијански добродетели.

**Јован Дамаскин** (626-749) е роден и образован во Дамаск. Иако Арапите веќе го освоиле Левант и убиле многу христијани, неговото семејство се спасило. Таткото барал учител за својот син и го нашол во некој пленет монах, кого го продавале како роб. Тој на младиот Јован му овозможил да научи сé за верата и за философијата. Станал градоначалник на Дамаск. Иако византискиот цар Лев, кој бил против иконите, го кодошел кај сараценскиот султан, овој не го убил, дури му понудил да стане гувернер на областа. Но Јован си одредил за себеси да се откаже од богатствата и власта, да се оддалечи од светот и да му служи на Бога во сиромаштво. Заминал за Ерусалим, во манастирот Св. Сава. Таму бил послушен монах кој ги исполнува и најмалечките заповеди, сé додека, според митската приказна, на неговите надредени и учители не им се јавила во сон Мајката Божја и им рекла дека тој е наследник на кралот Давид (прочуен химнописец) и дека ќе испее нови песни за Бога. Максим создал голем број химни, кои и денес се пеат во црквите, а го сметаат прв кој со многу дела на научен начин ги објаснил верските прашања.

**Симеон Нов Богослов** (949-1022) дошол во Цариград на учи. Ја отфрлил понудата да стапи во државна служба и почнал со духовни активности, читање на свети текстови, долги ноќни молитви и со барања на смислата на животот во односите кон Бога. Сакал со мистичко искуство да ја потврди својата вера и доживување на живиот Бог. Запознал старец од најпрочуениот цариградски Студитски манастир, кој му станал духовен учител и водач. Стапил како искушеник во манастир. Открил еден нов аспект на мистицизмот - гледање на *божествената светлина*, како израз на човечката потрага по Бога. Иако мнозина не биле почитувачи на Симеоновиот пат, кај другите тој уживал највисок углед. Ги уверувал луѓето дека секој може да достигне највисоко ниво на верата ако со молитвата и со срцето го бара Бога. Под притисок, отишол во друг манастир и станал игуман. И тука бил прогонуван, но се повлекол во осаменост, каде го дочекал крајот на земскиот живот. Напишал голем број влијателни дела. Добил име "Богослов", што го имаат заслужено само неколку византиски теолози. Учел дека со верата човекот може да се спаси од својата тешка положба (која главно е резултат на првичниот грев). Верата го води човекот да се смири со Бога, а вистинскиот разговор со Бога го овозможува молитвата. Не е доволно само извршување на вообичаените верски обреди и должности, потребен е стремеж кон виш степен на религиска посветеност. Во една своја химна вели: "Не говорете дека е невозможно да се прими Божјот Дух, дека без Него не е можно спасение, дека Бог е невидљив за луѓето, дека луѓето не ја гледаат Божјата светлина, или дека тоа е невозможно во сегашното време! Тоа никогаш не било невозможно, туку дури мошне е можно за оние кои тоа го посакуваат!"

**Констанин Псел** се родил во Константинопол во 1018 годинe. Од исклучително семејство, талентиран ученик, бил едуциран на најдобар можен начин за очекуваните највисоки државни функции. Бил дури и *йрв минисшер* на Царството. Доживел семејството да му умре младо. Се замонашил и го зел името **Михаил**. Потоа раководел со еден од универзитетите и ја добил почесната титула "*йринц на философиише*" (иако во наш дух е поблиску да кажеме *војвода* на философите, зашто немал царска крв и не очекувал престол). Уште како момче ја запознал старохеленската литература и се истакнал со нејзини толкувања. Ги познавал сите области на тогашната наука и философија, се обидел да даде *синшеза* на сите знаења. Напишал голем број трудови од сите дисциплини, религиски химни, хроники, енциклопедија. Го бранел платонизмот, бил близок со мистичната философија и модерно го поврзувал животот со класичните идеи, што на некои потоа ќе им изгледа како навестување на Ренесансата. Умрел во 1078 година. Неговата работа и настојувања ги истакнуваат сите позиции и квалитети на византиската философија, теологија и наука. За него самиот, да се биде философ значело да не се живее директно

според нормите на монашките начела, туку да бидеш достатно различен во мислењето, да бидеш добро граѓански воспитан и да ја познаваш својата културна традиција. Така кај него **философијата е друго име за образованоста и големата ученост**. Некои научници истакнуваат дека целта на Псел била возобновување на античката философија и наука. Тој го сметал античкиот дух за вруток кој пресушил, но треба да биде обновен, за да се појави она скриеното во него. Самиот нескромно ги пофалувал своите напори во таа насока. Во секој случај, ја познавал античката мисла и се сметал себеси за рационалист, но кој го користи разумот за да ги возобнови верските доктрини. Може да се каже дека бил најдобриот обновувач на античките хеленски мислители во Византија, во која имало многу познавачи и почитувачи на древните мислители (дури беше предложено на Платон да му се даде име *светец*, бидејќи во своите дела насетил еден Бог). Христијанството Псел го поврзувал са далечната традиција и се заложувал за универзална христијанска култура. Во своите хроники, кои ги пишувал на различен начин од другите византиски историски дела, Псел дал пример дека за историјата може да се пишува и со *субјективно* стојалиште, што е новина за византиската историографија. Бидејќи бил посветен верник, на сите настани им давал судбинско Божје значење, но велел дека за човечките дела има влијание и човековиот избор.

Како добар студент и познавач на реториката и философијата, Псел ги поврза двеве антички дисциплини, говорејќи дека тие се неопходни за секој интелектуалец - без философијата говорот ќе биде без ум, без говорничката вештина философот ќе биде нем; слично кажуваше и Кикерон, но Псел додава значајна забелешка, дека момчето треба да учи и наука за политиката, зашто без неа од устата ќе му излегуваат само празни звуци. На студиите Псел ги воведе двете науки, а изврши и ревизија и дополна на студиските планови и програми. Прво се учеле 3 науки - граматика, реторика и дијалектика, а потоа 4 - аритметика, геометрија, музика и астрономија (слична е наставата на Запад во истата ера, во верските школи и на првите универзитети). На крајот на студиите доаѓало изучавање на философијата, која Псел ја обожавал, тој јавно се повикувал на ставовите на Платон и Аристотел. Псел је сметал философијата наука над науките. Нејзиниот врв метафизика водел кон теологијата, зашто христијанското учење е најсовршено (теологијата во таа смисла би можеле да ја наречеме *виша философија*). Тој објаснувал дека со античките идеи и примери младите ќе ги изградат не само вкусот и разбирањата, туку и *душата ќе им биде украсена со* **морални вредности**.

Тоа му забележувале мнозина, кои не се согласувале со неговото воодушевување со Антиката, бидејќи тоа не беше популарно во Византија, која на својата христијанска духовност гледаше догматски, небаре е најдобра, а полезно е и да биде изолирана. Пселовото учење за душата било основа за **етиката**. Душата содржи *човекољубие*, од коешто извираат нашите избори и дела и мирољубивост помеѓу луѓето. Душата има божествено потекло, но е подредена на Бога. Еден дел од душата - кој се обележува како вегетативен - се однесува на хранењето, раѓањето и размножувањето. Другиот дел на душата - интелектуалниот - е извор за добродетелите. Една добродетел овозможува душата да се спои со телото и да управува со него, другите служат душата да се оддели од телото и да се исчисти (што е постојана тема во византиската етика), а третите го помагаат крајното чистење на душата за да се воздигне до посакуваната контемплација. Како и кај душата, се навестува дека и спасот може да биде *дело на самиот човек*. Така кај Псел сретнуваме истакнување на вредностите и на независноста на философијата, но и нејзина поврзаност и користење во теологијата.

**Григориј Палама** (1296-1359), солунски архиепископ, е *најпознатиот византиски мистички философ* (помеѓу безброј други). Школуван е во царскиот

дворец, но рано се повлекол во монашки живот, заедно са сето свое семејство. Напишал голем број дела посветени на животот и должностите во манастирите, но неговото име се поврзува со **исихазмот** (хел. *исихија* - тишина, молчење). Станува збор за специјално прашање на духовна концентрација на калуѓерите, каде е главно *молчењето* за да се *исчисти срцето*. Се поставува прашање како е можно трансцендентниот Бог да се доживее со непосредно лично мистичко искуство (со ова се занимаваат многу мистичари во историјата на светот, а исламските *суфисти* општо ја прифаќаат идејата дека Бог е невидлив). Монасите мистичари применувале низа психо-физички дејства, кои овозможуваат Бог да му се појави на човекот како *светлина* во мигот на религиската *екстаза*. Користиле визуелизација, дишење и медитација ("молитва на срцето"), со кои доаѓале до нови искуства и нов вид живеење. Исихастот морал целосно повлечен, во определена положба, непрестајно да ја повторува т.н. Христова молитва ("Господе Исусе Христе, сине Божји, помилуј ме") и при тоа секој пат да го задржува здивот, постапно би бил обземен со чувство на бескрајно блаженство и би ја видел надземната светлина, онаа која им се покажала на апостолите на Таорската Гора (Преображение). За овие прашања се интересирале особено во манастирите на Света Гора.

Долготаен духовен судир се водеше со *рационализмот*, кој му се противставуваше на исихазмот како мистичка струја. Еден од главните учесници во спорот е **Григориј Акиндин** (1300-1348), роден во Прилеп. Учел во Солун и одлично ги познавал и античката литература и философија. Го сретнал Палама, кој веќе бил истакнат исихаст, и го замолил да го упати во тој вид духовна практика. Во 1332 се сретнал во Солун со калуѓерот **Варлаам** од Калабрија (Сицилија), кој донесе нови сознанија од Европа, сега знаеме главно од свети Тома Аквински (дериват на Аристотеловиот рационализам) и стана главен опонент на Палама. До 1341 година Акиндин бил посредник помеѓу двајцата, а тогаш, под влијание на патријархот Јован Калекас, во делото "Против месалијаните" го нападнал Варлаам. Спорот е вжештен и за исихастичките суштина и методи се водени неколку јавни теолошки расправи (во какви што во Византија многу уживаа). Акиндин има напишано уште многу дела, едно од нив е "Антиеретики", во кои се тврди дека Бог само преку симболи може да му се јави на човекот, а на овој му се недостапни неговата сушност и енергии. Акиндин денес го обвинуваат дека неговите дела се преведени-преземени од западните рационалистички извори (што би било страшно за догматските Византијци). Но, започна граѓанска војна, во која солунчаните имаа голема улога, И исихастички спор стана дел од општиот судир во државата. Потоа, во цариградската Влахерна во 1351 година исихазмот официјално е прифатен како православен. На собирот во 1352, иако умрен, врз Акиндин е фрлена анатема. Палама може да го сметаме за победник во овој спор, прогласен е за *светец*, иако страдал и бил затворан во текот на долгите години на овие расправи.

**Никола Кавасила** (умрел во 1371), роден во Солун, рано заминал на студии во Цариград, каде запознал многу науки. Пишувал јасно и допадливо. Бил мистик, но не пустиник. Тој сакал за заедницата да обезбеди љубов од Бога, а за тоа, според него, основни се *пријателството* и *благодарноста*. За ова, вели, не е потребно да се повлечиш во осаменост, да водиш чуден живот и да носиш необична облека. Треба само постојано да се размислува за Бога и за човекот, како и за човечката врска со Бога. Нема потреба ни за посебни подготовки за молитва, затоа што Бог е насекаде. Бог ќе дојде и кај лошите луѓе, бидејќи е добар. Но треба да ги повтараме учењето и животот на Христа, кој ќе ни го покажува патот. Затоа општа *етичка* задача на човекот е својата волја секогаш да ја свртува кон вистинското добро. Христос ќе ни ги покаже сите добродетели во чист вид и ќе ни даде да го согледаме

страдањето на другиот како наша сопствена несреќа (современа *емпатија*!), а ќе ни помогне да ја исчистиме својата душа и да се вежбаме таа да стане света.

**Георгије Гемистос** (1353-1452) се смета за последен византиски философ, а не бил теолог. Од почитување кон Платон зеде ново слично име **Плитон** (како што 12 векови порано тоа го стори и величествениот **Плотин**, 205-270). Некое време Плитон минал во Едрене, во коешто веќе била османлиската престолнина. Таму учел од Евреинот *Елисеј*, а истовремено чул и приказна за првиот етичар Заратустра и за неговите идеи. Потоа во Мистра, на Пелопонез, отворил *школа*. Бил на соборот во Италија во 1438 године, каде е планирано да се обединат разделените западна и источна црква. До тоа не дошло, а и Плитон бил против тоа. Паѓањето на Константинопол во 1453 година под османлиска власт однесе многу учени Византијци на Запад, почна учење на старохеленскиот јазик и превод на античките мислители од оригиналите (а не само од арапските преводи). Плитон во Фиренца донесе неоплатонистички идеи, а предлагаше и основање една нова *општа светска вера*. Под негово влијание Козимо Медичи основа во 1459 година во најнапредниот италијански, а тогаш можеби и водечки економски и духовно најсилен европски град, позната *Академија*. Се разви **Ренесансата**.

На Филозофскиот факултет во Скопје професорот д-р **Јонче Јосифовски** (1920-2009) почна да предава **византиска философија** кога уште на многу универзитети во Европа тоа не се правеше (како млад учител тој ја напиша нашата најпрочуена детска етичка стихотворба "Чиста Дана", а потоа ги донесе новите сознанија за симболичката логика, кои се основи за градење на компјутерите). Професорката д-р **Вера Георгиева-Петковска**, прво негова асистентка, ги разви студиите по византиската философија и напиша неколку одлични книги и учебници за оваа ретко истражувана проблематика. Кај разни издавачи, и во соседните земји, можат да се најдат преводи на делата на византиските мислители, не е повеќе како во нашето време, кога такви книги немаше на пазарот. Во нив може да се научи како во тој нам близок свет, чии трагови се присутни во нашата култура, писмо историја, вера, морал, црква, политика, градежништво, уметност - **етиката била поврзана со нагласено верување**, се советувало повлекување од активниот живот, се истакнувало милосрдието, се говорело за нужната љубов помеѓу луѓето и, се разбира, за суштествените чувства помеѓу Бог и човекот.

### Етички мисли на Михаил Псел

"Јас ја поврзувам философијата со реториката и се трудам да се согласам со двете, со помош на секоја од нив."

"Философијата и реториката, Египќаните и Халдејците, споредени со Светото Писмо се небаре бронза во споредба са златото."

"Сето божествено не ни е достапно, а сета природа не може да се разбере со разумот."

"Од небесниот Ерусалим паднавме во овој свет полн со желби."

"Поуката е совршенство на душата, нејзино потчинување и воздигнување, или враќање кон највише добро."

# 32. Ел-Газали

## ДОБРИНА ВО СЛУЖБА НА СВЕТОСТА



Етичарите често се морално мошне строги, предлагаат крајна скромност, умереност и апсолутна посветеност на етичките идеали. Но понекој етичар, кој проповеда такви остри морални принципи, не се истакнува со личниот пример и со начинот на живеење во согласност со искажаните сопствени ригидни начела. Нивното оправдување гласи - ние сме патоказ, а не се видело патоказот да оди по патот. За разлика од ваков пример на двоен морал, страсните заговорници на етичката возвишеност од срце ги почитуваат своите идеи, а својот живот и дејствување ги организираат според нив. Тие се **пример за доследноста на етичкиот збор и на етичкото дејствување**. Еден таков херој на скромноста се откажал од славата и местото на најголем правник и соработник на султанот, за да се посвети на живеење со кое секого ќе го поучи што значи чист етички дух, на кој начин се реализираат најдобрите намери и како се постигнува *совршено етичко дело* (колку што тоа е можно за човекот). Тоа е големиот исламски мислител и мистик ел-Газали.

Абу Хамид Мухамед ал-Шафии **ел-Газали** е роден во 1058 година во Тус во Персија. Татко му бил побожен дервиш, не јадел ништо што не заработил со своите раце и одделувал време колку што можел да размислува за Бога. Ел-Газали рано останал сираче, го одгледал еден татков пријател, прочуен суфи. Прво учел во родниот крај, потоа во Нисабур студирал теологија, право, философија, логика, природни науки, суфизам (идеја и етика на религиската мистика) и др. Му предавал *ал-Ашари*, кој дозволувал голема слобода на мислењето. Ел-Газали се истакнал со философски талент, како и со критички дух. Уште млад бил незадоволен од сколастичката теологија, која со рационалните методи ги толкувала прашањата на животот и на верата. Бил студент и на познатите суфисти *ал-Фармади*, *ал-Туси* и *ал-Кушаири*. Живеел аскетски и правел суфиски вежби. Самиот тврдел дека не можел да ја достигне состојбата да почне да прима чиста инспирација од Бога; тогаш суфиската практика уште не му дала сигурни психички и духовни резултати.

Низамот (везирот) на селџучкиот султан Малкик-шах бил импресиониран од знаењето на младиот научник и го именувал за шеф на катедрата за теологија во *Низамија* во Багдад, тогашна најголема, најпрочуена и највлијателна академија во арапскиот политички и научен центар. Ел-Газали имал само 34 години кога му е укажана оваа чест, која дотогаш во муслиманскиот свет не била искажана никому во тие животни години. Се здобил со светска слава, се прочул како најголем теолог во исламот. Но тој не бил задоволен, сметал дека верата не може да се гради само врз разумот. По

десеттина години се откажал од професорското место, во 1095 година го напуштил Багдад, ги оставил имотот и славата. Се затворил две години во Умејатската џамија во Дамаск, придржувајќи се строго на аскетската дисциплина и на извршувањето на религиските обреди. По 11 години талкање, дискусии со научници и дервиши, размислување за смислата на повлекувањето од животот, ел-Газали се вратил во родниот Тус. Основал медреса, во која до смртта во 1111 година предавал суфизам.

**Суфистите се етичка рожба на исламот**. Уште од првите мигови на развојот на исламската религија, посветениците ја истакнувале својата верска свртеност кон Бога и желбата да достигнат **верско и етичко совршенство**. Доближувањето до Бога и надежта за негово духовно согледување произлегувале од напорот да се направи **најдоброто**. Содржината на таа верско-етичка дејност е духовно и етичко воздигнување, придржување кон начелата од Коранот, следење на животниот пат, на духовните настојувања и на скромноста на Пророкот Мухамед како идеална личност, повлекување (барем времено) од животните тревоги и ефемерните задачи. При тоа кај тие верници и однадвор бил евидентен *аскетизмот* - носеле проста волнена наметка (*суфа*), од што произлегло името суфизам (арап. *тесавуф*).

Суфистите се големи поклоници и промотори на доброто. Некои од нив, како **ел-Халаџ** (857-922), **ел-Газали**, **ибн-Араби** (1165-1240), **Џелалудин Руми** (1207-1273) или современиот **Мухамед Икбал** (1877-1938), спаѓаат меѓу најзначајните мистички мислители и етичари во светската историја. Разликите помеѓу суфистите и обикновените верници се толкуваат како однос помеѓу припадниците на "формалното" и на "суштественото" во религијата. Ел-Газали ги познаваше и *шеријатот* (стандардната основа на исламот) и *тарикатите* (мистичките тенденции и струи) и се трудеше да ги ублажи недоразбирањата помеѓу нив.

Свртувањето на ел-Газали кон мистицизмот најчесто, но само делумно точно, се поврзува со разочарувањето во философијата и во сколастичката теологија. Тој самиот претерува кога рационалната мисла ја оценува како духовно уништување, а философите ги обвинува за верска недоследност. За овој став кај него пресудно било влијанието на суфизмот, со кого тој се сретнал во раното детство и потоа го студирал. И неговиот брат Ахмед бил голем суфи.

Кај ел-Газали суфизмот е мистицизам на философ и теолог. Во неговите учења има влијание од неоплатонизмот (исто како и кај сите големи арапски мислители од таа епоха). За ел-Газали, мистичките елементи се најбитни за религискиот живот, тие елементи всушност го возвишуваат верувањето. Тој сака да покаже дека вистинска основа за религиската извесност е непосредното, живо чувствување на Бога. За таа цел напишал голем број дела, кои и денес се читаат. Се вели дека влијанието на ел-Газали во муслиманската заедница, во смисла на поединечен придонес, е поголемо отколку влијанието на сите сколастички теолози заедно. Тој е и **најзначајниот исламски моралист**. Во етиката, покрај класичните вредности како што се умереноста, разумноста и сл., на кои укажуваше и старохеленската мисла, тој ги внесува и добродетелите од Коранот - благодарност, покајание, страв од Бога, прочистување на душата. Тој го истакнува **Пророкот Мухамед како морален идеал**. Ел-Газали се застапува за *аскезата*, за личната скромност и за посветеноста кон Бога како основни етички лични насоки. Но не советува нужно повлекување од животот во осаменост; тоа е личен избор, секој човек има сопствени социјални обврски и цели. Интересно е учењето на ел-Газали за **два вида добродетели** - добродетели кои значат правење

добро и добродетели кои го насочуваат човекот да се воздржува од правењето зло.

Ел-Газали вели дека Бог е семоќен Творец: "Тој прави што сака, заповедува што сака и создава слични или различни нешта каде што сака и како што сака". Не може да се објасни како дејствува Бог - кога тоа би било можно, Бог не би бил креативен. **Божјата волја е апсолутно слободна** и делува неограничено. Таа се однесува и на разни тајни и на сите видови логички можности (претворање на стап во змија, оживување на мртов човек и др.). Бог може да ги воскресне телата во задгробниот живот, како и да прави неверојатни нешта, споменати во Коранот. Бог е конечна причина, основа на сите суштества, Тој е единствената реалност која е причина самата на себе си. Тој е совршено Добро и најголема Убавина, највисок предмет на љубовта. Тој е вечна Мудрост, Светло на Светлината, Творечка вистина и Вечна волја. Тој има многу квалитети (во Коранот се опишани 99).

Додека за философите Бог најнапред е мисла, според ел-Газали тој е пред сé волја како причина за творењето. Бог го создал светот со Својата волја, го одржува со Својата волја и еден ден светот ќе се загуби заради Неговата волја. Неговата вечна волја се гледа во целиот космос, кој е Божја креација. Бог е трансцедентност, возвишен е над границите на просторот и на времето, но истовремено е иманентен на овој простор и време. Божеството на ел-Газали не е студен апсолут, туку жив Бог, кој ја сака врската со Своите создадени суштества и им дава шанса да влезат во заедница со Него низ молитва и размисла, преку добри дела, пред сé низ (подарокот на) мистичкото сознание.

За душата, според ел-Газали, е карактеристична волјата. Исто како што Бог е трансцендентен, но и иманентен на светот, таков однос има и душата спрема телото. Душата е огледало осветлено со Божјата искра и ги покажува квалитетите на Бога. Човекот има бесконечни духовни можности, кои ги реализира според својата волја, доведувајќи се себе си во близина на Божјиот ум и волја, сé до конечна средба на душата со Бога. Според ел-Газали, вистинската внатрешна содржина на религиското искуство не е состојба на контемплација, туку животно искуство кое треба да се претвори во исправно и добро дело. **Добрината е во служба на светоста**. За ел-Газали религијата без добри дела е мртва вера. Највреден живот е живеењето на вистинските мистици, чиј карактер е најчист. Сите луѓе се инспирираат од животите и учењата на овие светители. Сепак, ел-Газали не го отфрла сознанието, кое е квалитет на душата и на животот. Со Пророкот Мухамед тој ќе повтори: "Мастилото на научниците е подобро од крвта на мачениците". Но, сознанието не може да го ослободи човекот, овој треба да се стреми кон единство со Бога. Сознанието е вовед во средбата со Бога.

За ел-Газали е заблуда описот на мистичкото доживување како највисоко летнување, а на екстазата како соединување со Бога или како престојување во Бога. Според него, најмногу кон што може да се стреми мистикот е близина до Бога или блискост со Бога. За оваа состојба тој вели поетски: "Она што го доживувам, нема да се обидам да го кажам, наречи ме среќен, но не прашувај ме повеќе".

Дејствените и етички страни на мистичката активност спаѓаат во осмислувањето на животната етика. Богатството на овие содржини и форми е големо. Постојат и бројни неопходни постапки, кои треба да ги направи човекот на својот пат кон Бога, што претставува единствена суштина на живеењето. Ел-Газали вака ја опишува својата суфиска преобразба, како непрестајна и тешка практика: "Знаев дека до крајот на Патот не може да се стигне без две нешта -

без учење и без дејствување; срцевината на учењето лежи во совладувањето на желбите на телото и во ослободувањето од неговите грди склоности и лоши својства, за срцето да биде исчистено од сé друго освен од Бога, а патот на тоа чистење е спомнување на Бога и сосредоточување на размислувањето кон Него. Учењето ми беше полесно од дејствувањето... Она што е особено (за тесавуф) не може да се научи, туку може да се дофати само со непосредното доживување, занес и внатрешна преобразба“.

Во многу свои дела ел-Газали ја опишува етиката како **добро дејствување кое човека ќе го воздигне поблиску до Бога**. За ел-Газали доброто и светоста се во единство. Неговото познато дело “Заживување на верските науки“, за живеењето според верските учења, е своевиден компендиј на етички прашања и морални поуки. Во вториот дел “Лично однесување“ се зборува за елементите на верското право и морал кои се однесуваат на јадењето, пиењето, на животните настојувања, на она што е дозволено и недозволено. Потоа се анализираат разните животни морални аспекти - дружење; карактер; осамување; патување; добар совет; начин на живеењето и др. Во третиот дел “Смртни гревови“ се зборува за психологијата на моралот и за духовната дисциплина. Разработени се одделите - чудесна природа на срцето; самодисциплина; алчност и пожуда; пороци на зборувањето; срдитост, злоба и завист; овоземски добра; богатство и скржавост; високи достоинства и лицемерство; дрскост, вообразеност и горделивост. Во четвртиот дел “Пат кон спасението“ се дадени сознанија и поуки за суфиските морални проблеми - покајничко преобратување; постојаност и благодарност; страв и надеж; сиромаштво и самооткажување; верување во Еден Бог и доверба во Бога; љубов, надеж, блискост, присност, блаженство и задоволство; решителност, вистинитост и искреност; контемплација и самоиспитување; мислење за смртта и попречување на таа мисла.

Овие духовни искуства и сознанија на ел-Газали се истовремено и **етички кодекс**, нормирање на моралните вредности, на соодветните постапки и барање за нивно извршување. Тие се нужни етички и дејствени насоки. Ако човекот сака да биде предан верник, според ел-Газали, треба да ја достигне искрената духовна човештина и да ја постигне највисоката цел - вистинско единство со Бога.

### Етички мисли од ел-Газали

“Не се само човечките својства одраз на Божјите атрибути, туку и начинот на егзистенција на човечката душа дава согледба за начинот на Божјето постоење.“

“За своите желби и копнежи не е одговорен човекот, но неговиот разум може да донесе решение, а неговата волја е слободна да го прифати решението на разумот како добро и да постапува соодветно.“

“Алтернативите значат можност за избор на нешто друго, а не се избор на најдоброто, ако тоа не е во согласност со идејата за совршенството.“

“Вештиот водител и учител ќе го доведе ученикот до тоа да ги искорени гневот и лутењето и да го отфрли богатството.“

# 33. Пјер Абелар

## КАКВА ТИ Е НАМЕРАТА?



Големата етика е дело на талентирани мислители, кои во вриежот на идеите и како предизвик за својата самосвест ги раздвижуваат етичките мисли. Тие отвораат нови прашања, доаѓаат до поинакви, дотогаш непознати одговори, го домислуваат и дополнуваат моралниот систем, обликуваат и препорачуваат нови вредности и норми. Тие стигаат до **далечниот хоризонт на етичката визија**. Натаму луѓето ќе одат по новите патишта сѐ додека живеењето не ги доведе до нови ситуации и премрежја и тие не стигнат до превалци, кои ќе ги минат со помош на мислата на новиот храбар етичар.

Една од најпознатите такви етички иновации се случи во Европа на почетокот на вториот милениум, кога блескавиот француски филозоф Пјер Абелар ги отвори **дверите на новата европска етика**, посочувајќи поинаков, поефикасен пристап кон етичката размисла и вреднување.

**Пјер Абелар** е роден во 1079 година во Пале кај Нант во рицарско семејство. Уште како дете се истакнал со учењето и разбирањето. Учел кај познати мислители - философија кај Росцелин и Вилијем од Шампо, теологија кај Анселм од Лаон. И самиот имал свои училишта. Студенти од цела Европа оделе пеш до Париз да го слушаат **најпознатиот европски философ**. Тој е создавач на она што е наречено *Латински кварт*, интелектуален и студентски центар на левиот брег на реката Сена, што претставува природно дополнување на еден од првите западноевропски универзитети париската *Сорбона*.

Тогаш се развила силна љубов на Абелар со младата Елоиза, нејзиниот вујко го ангажирал да ја учи. Тие се венчале тајно и имале син. Скандалот и љубомората спрема Абелар предизвикале *трагедија* - Абелара го кастрирале и вљубените биле испратени во оддалечени манастири. Тие си пишувале најубави љубовни писма, а нивните автори го уживаат угледот на *несреќни љубовници*, слично на Ромео и Џулиета.

Во 1140 година идеите на Абелар се осудени, а делата спалени. Пред да почине во 1142 година, Абелар напишал дијалог со мошне современ карактер, кој го водат јудаист, философ и христијанин, претставувајќи ги судбинските *корени на европскиот дух и етика* - античката мисла, библискиот дух и евангелската порака.

Абелар е автор на голем број значајни дела, во кои воведува нов начин на расправање за сите прашања, па и за религиозните - секаде ја истакнува **рационалноста**. Кога неговото дело за Божјето единство и тројство било осудувано и спалено, првата забелешка била што книгата почнувала со исказот “Сметам...“ - веleле дека нема што авторот лично да смета, дека Црквата е таа што има став, а тој е само искажувач. Книгата “Да и не“ е исклучителен пример на ученост и духовитост, во кое авторот ги споредува различните погледи на религиозните авторитети за разни прашања. Абелар пишувал и за своите

страдања - *автобиографијата* е една од најпознатите книги за интелектуалните страдалници; кон тоа се приклучува и збирката *писма со Елоиза*.

Денес најмногу се чита неговото дело, завршено во 1136 година, со наслов "**Етика, или Запознај се себеси**". Овој наслов за прв пат е употребен на европскиот Запад откако Антиката била сменета со долгата ера на верска мисла, која преминала во догматизам. Карактеристично е и тоа што за поднаслов е земена *најпознатата античка етичка норма*, која и Сократ ја сметал за свое животно и етичко кредо, а последниот антички етичар Марко Аврелиј така ги насловил своите етички записи. Тоа е срцевината на етичкото истражување и посочување на Абелар - основата е во **правилното живеење**, а неговите принципи **човек треба да ги најде во себе со помош на разумот**, кој е човековата основна сила. Треба да се прават споредувања и со другите етички практики, а античката етика е пример за добра етичка ориентација, дури и кога тие не ги знаеле христијанските морални начела.

Религиозните етики се најчесто *хетерономни*, инсистираат моралот, како и целото живеење на луѓето, да бидат исполнување на заповедите и нормите од Врховното Суштество. Верската организација е спроведувач и застапник на волјата на Бога, па има краен збор во прашањата на етичките вредности и оценки. Натприродната сила се јавува како извор и носител на моралната заповед, ставајќи го човека во улога на **морален извршител без вистинска сопствена одговорност**. И она најдоброто што може да го стори во својот морален живот човекот го добива како подарок и милост. Абелар не бил согласен со оваа ситуација, во која владее духот на *етичката пасивност*, а како морално се смета правењето на нарачаното, дури и ако личноста мисли спротивно и нешто друго вирее во нејзината душа (во неа може да врие и отпор за таква норма, на дури и злонамерност). **Абелар побарал друго решение**, поврзано со разбудувањето на духот на античката етика.

Во Антиката философите кажувале дека моралот е дел од човечката природа и дека моралното однесување зависи од човекот, дека е израз на неговиот ум и волја. Во верата владее доктрина дека човечката природа е несовршена и дека треба да се има недоверба во неа заради сеопштиот човечки грев (кој потекнува од постапките на првите луѓе Адам и Ева, кои не го послушале Бога и своеволно направиле нешто забрането). Исто така, била загубена поврзаноста помеѓу поведението и судбината. Во Антиката се верувало во законитоста помеѓу моралноста и среќата, како и помеѓу неморалноста и несреќата. Во верската доктрина среќата зависи од Божјата волја. Следствено, наградите и казните за моралното поведение не се психолошки условени и не се однесуваат на конкретните постапки. Станала туѓа мислата дека доброто дело се наградува со морална сатисфакција само по себе, со помошта на самоуважувањето и задоволство на човекот од самиот себе и од своето исправно однесување. Состојбите биле драматични на полето на етиката. Човек не бил осуден само на страдање, туку и на *безволие*, бидејќи во себе немал енергија, орган или мотив за дејства кои ќе му значат нешто во морална смисла. Бил третиран како обврзен морален дејственик, а никој од него не барал вистински, искрен, самосвесен морал. Главно се инсистирало на аскезата, на прилозите, на понадворешнувањето на етичкиот дух. Завладеала морална криза.

Абелар направил *пресврт*, прашувајќи се **што во моралниот живот би можела да стори човековата сила** сама за себе, без улогата на Црквата или без дејствувањето на милоста од Господ. Добро поставените прашања носат и разрешување на дилемите. Овде тие гласат: Дали човекот воопшто може да биде морален, дали во него има сетило и сила за тоа? Заради кои елементи на

неговиот пристап кон животот, човекот треба да биде оценуван во неговата морална димензија?

Тие прашања поставени од Абелар значеа **почеток на етичката градба на новиот живот и сфаќање**. Појдовната позиција се засновува врз ставот за постоењето на внатрешното разумско битие на човекот, кое е извор на неговиот морал. Срцевина е **намерата** (*интенција*). Така се толкува и проблемот на оценката за дејствувањето. Првите западноевропски нововековни етички зборови од Абеларовата "Етика" укажуваат дека доброто зависи од определбата на човекот, зашто неговото значење не се удвојува: "Кога ќе се каже добра намера и добра дејност, т.е. дејност која произлегува од добрата намера, единствено се истакнува добрината на намерата, па зборот *добар* не се зема во исто значење како кога би зборувале за повеќе добра... Кога на добрата намера ѝ го придодаваме доброто дело, тогаш не се додаваат добро на добро, небаре има повеќе добра, поради што би требало да расте и наградувањето".

За Абелар **добрата намера е исправна по себе**, таа не бара други докази за својата морална вредност. Дејствувањето е добро не по себе или ако претставува извршување на нечиј налог, туку ако произлегува од добрата намера. Впрочем, исти дела можат да се определат како добронамерни или зли - во зависност од намерата на нивните извршители.

Според верата, гревот им се припишува на сите луѓе. Според Абелар, гревот е согласност да се прави нешто што не прилега да се прави и што заслужува осуда. Тој мисли дека гревот не треба да се третира како волја за грешење, значи како некое постојано, неменливо карактерно својство, според кое луѓето би грешеле и тогаш кога не сакаат. Тоа го докажува со пожудата. Човекот природно има копнежи и тие не се грев по себе - грев е само согласноста со негативните копнежи. Затоа, вели Абелар, "не е грев да се копнее по некоја жена, туку да се согласиме со тој копнеж, и не е за осудување желбата за обесчестување, туку согласноста со таа желба".

Што, тогаш, морално се проценува? "Господ во наградувањето повеќе го просудува духот отколку делото", укажува Абелар. Душата не може да се извалка од она што се случува надвор од телото, неа ја валка само она што е нејзино, значи *согласноста*. Има многу нешта што можат да нé попречат во дејствувањето, но **волјата и согласноста се секогаш во наша власт**. Прекршител не е оној кој прави она што е забрането, туку оној кој се согласува да го прави она што не е добро или е забрането. Забраните не се однесуваат на извршувањето, туку на согласувањето со нешто што не треба да се прави.

Абелар е против оценувањето на делата, а за вреднување на намерите и на согласноста. И добрите и лошите луѓе прават нешто и добро и лошо. Но, тие се разликуваат според нивната намера (*интенција*). Господ не ги просудува фактите туку намерите, во моралот дејствена сила имаат целите, а не извршените дела. Затоа, на пример, од двајцата кои донесуваат или ја извршуваат судската пресуда, едниот прави добро - ако неа ја извршува од желба за правда, а другиот зло - ако со тоа сака да се одмазди.

Абелар укажува и дека не треба да очекуваме од некого да ни го вреднува поведението, па да ни прости, или жестоко да нé прекорува и да ни наметнува казна. **Критериумот за поведението го имаме во себе**. Ние сме **одговорни** за своето однесување и за сиот морал воопшто. Ако цврсто се држиме за него, ние постапуваме морално. Чистата намера и морална волја и валканата намера и волја се два спротивни пола на моралноста.

Највисокото добро, кое за Абелар е Бог, не се остварува само преку молитвите, туку, пред сé, со практичниот морал како добронамерно и правилно

поведение. Зрелата, самосвесна човечка **совест** така стана автономен критериум за просудување на вредноста на намерата и на целото човеково поведение.

Абелар ја постави етиката на Европа врз здрави нозе, укажувајќи на значењето на намерата во човечкото дејствување и инсистирајќи оценката и санкцијата за етичките постапки на луѓето да се базираат врз оценувањето на нивните намери и на нивното согласување да прават добро или неморално дело. Не е важна надворешноста на дејствувањето, извршувањето на моралните норми така како што се искажани или заповедани, туку е валидна внатрешната димензија на изборот и нашата согласност за такво дејствување. Таа новина (возобновена античка етичка сушност) стана основна карактеристика на **слободниот граѓански морал**, укажувајќи на значењето на местото на личноста, на нејзиниот разум и совест и на нејзината добра волја во спроведувањето на моралот. Така е зароден **интенционализмот** како основна етичка теорија во натамошните векови на европскиот морал.

Тоа подоцна беше главна струја во целата нововековна европска етика, сѐ до денес. Кога сега многу лоши последици почнаа да се раѓаат и од добрите човечки замисли и намери (на пример, во науката и техниката), во етиката се воведе начелото за водење сметка и за **последиците** (*консеквенции*) од дејствувањето. Но, тоа е приказна од третиот милениум.

**Етички мисли на Пјер Абелар**

“Намерата ја нарекуваме добра, т.е. исправна по себе, а дејствувањето го нарекуваме добро не затоа што во себе има нешто добро, туку затоа што произлегува од добрата намера. Заради тоа, кога еден ист човек прави исто дело во разни околности, сепак, поради различната намера, неговото дејствување се нарекува де добро де зло.“

“Господ, кога ги разликуваше делата според исправната односно неисправната намера, *окото* на паметта, т.е. намерата, правилно ја нарече “едноставна“, всушност чиста од валканоста, за да може јасно да согледа, односно, спротивно на тоа, “темна“, кога зборува: Ако твоето око е едноставно, целото твое суштество ќе биде светло - т.е ако намерата е добра, целото множество дела што оттука произлегуваат и кои, како и телесните нешта, можат да се видат, ќе бидат достојно светли, т.е. добри - исто како што и спротивното ќе биде точно.“

“Духот не станува погрд со телесното ропство, туку ако е подложен на маните.“

# 34. Ибн Рушд
# ДОБРОТО Е СУШТИНА НА ПОСТОЕЊЕТО



Во сите региони на светот и во сите морални системи, а посебно во големите етички религии, се појавиле мошне значајни етичари. Така е и во исламот, чии идеи **инспирирале низа големи трагачи по доброто**. Во една од гранките на исламот - онаа во Шпанија и во Северозападна Африка - најзначаен етичар е Ибн Рушд, кој е и најбележит исламски философ од овие краишта.

Абу ал-Валид Мухамед **ибн Рушд**, со латинско име **Авероес**, е роден во 1126 година во научниот центар на исламскиот свет Кордоба во Шпанија во учено семејство. Татко му бил кадија (врховен свештеник-судија). Ибн Рушд се занимавал со сите гранки на науката и философијата, а се прославил со своето образование и со начинот на пристап кон тешките философски проблеми. Кога емирот побарал од философот Ибн Туфаил да ги објасни идеите на *Аристотел*, овој кажал дека е многу стар за тоа, но го препорачал Ибн Рушд за таа задача. Тогаш овој го добил името *Коментатор*. Напишал и одлични лекарски и правни прирачници. Бил попознат во Европа отколку на арапскиот Исток, бил преведуван на латински јазик, а на Исток делата му биле спалувани заради нетрпеливоста кон философите. **Данте Алегиери** (1265-1321) го споредил со најголемите научници Евклид, Хипократ, Птолемај, Гален и Авицена. Подоцна бил протеран од својот град, а делата јавно спалени како “опасни студии“. Умрел во мароканскиот град Маракеш во 1198 година. Го донеле на коњ да го погребаат во Кордоба. Од другата страна на самарот биле закачени неговите книги. Големиот суфист Ибн Араби запишал мисла, која укажува на победата на идеите над смртта: “Куп книги како баланс за човечкиот труп“.

Пред Ибн Рушд имало неколку значајни етичари на муслиманскиот Запад. Ибн Јахја ал-Саиг, наречен **ибн Баџа**, со латинско име **Авемпаце**, работел во Севилја и во Гранада. Овој сестран научник бил учител на таткото на Ибн Рушд, а потоа 20 години везир во мароканскиот Фез. Во 1138 година го убиле во верските нереди. Тој е првиот голем мислител од тој регион, од каде произлегуваа големи мислители и значајни етички вредности. Ибн Баџа имал посебно учење во етиката. Тој постапките ги дели на *животински* и *човечки*. Првите се однесуваат на природните потреби, кои се исти и за луѓето и за животните, но кај луѓето можат да се здобијат со особено значење и својство (јадењето е животинско дело ако ја исполнува потребата од глад и желбата за јадење, а човечко ако свесно се користи за чување на силата и помага да се постигнат духовни блаженства). Ибн Баџа не го интересирале пасивните (материјални или животински) способности и дела, туку активните сили на човекот како благородно суштество. Способноста за учење кај човекот е пасивна, но активна димензија има **стремежот да се постигне совршенство** во знаењата, сфаќањата и во вештините. Задоволувањето на посакот на душата значи да си правиш нешто за самиот себе. Мислењето е активност за повисока цел. Најзначајни се делата насочени кон најголемата цел. Според Ибн Баџа, има добродетели во кои нема вистинска мисла (каква што е верноста на песот, зашто тој не може да не биде верен), па добродетелта нема човечка вредност. За

човекот е важна добродетелта втемелена врз слободната волја и разумското мислење. Делото што е направено заради праведноста, а не заради исполнување на некоја природна потреба, е божествено. Ибн Баџа учи дека постојат два вида луѓе: оние со кои владее телесноста и оние со префинета духовност. Етичкиот стремеж на човекот е да се насочи кон повисокото ниво на контемплација, за да не остане во темнината, а покрај него нештата да минуваат како сенки. Ибн Баџа препорачува **пат кон осаменоста** - што значи самоодгледување и одделување од бурниот социјален живот. За него мудрите луѓе "растат како растенијата на свежиот воздух и не им треба грижа од градинарот. Тие се држат подалеку од ниските потреби и чувства на мноштвото. Тие му се туѓи на движењето на толпата. Како пријателите помеѓу себе, и нивниот живот е определен од Љубовта. Тие му се пријатели на Бога, кој е Вистина, тие се трудат да се обединат со натчовечниот Дух на Сознанието".

Другиот голем етичар на исламскиот Запад бил ал-Малик **ибн Туфаил**, со латинско име **Абубацер** (1110-1185), лекар, а потоа кадија и везир во Гранада и во Тангер. Овој славен медицинар, филозоф, математичар и поет има здобиено светски углед со делото "Живиот, син на Будниот-Разбудениот". Тој роман и до денес е значаен за разбирање на суштината на религијата и на личната етика. Се расправа за спонтаното раѓање на Хај (Живиот) на едно пусто острво. Го хранела газела. Тој нема никакви норми и заповеди, негов учител е **здравиот разум**, кој му дава можност да ја испитува и сознае суштината на нештата. Тој станува свесен за својата природа. Голото тело си го покрива со листови, се вооружува со копје и ја сфаќа надмоќноста на своите раце над органите на животните. Кога умира мајката-газела, тој ја разбира смислата на душата, која телото го користи како средство. Конечно доаѓа до идејата за едно Највисоко, нетелесно и нужно суштество, кое е дејствена причина на особеното однесување на телата. Тоа му дава свест за сопствената нетелесна суштина, со која се вклопува во неограничената контемплација на Највишето Суштество. На островот пристигнува Есал, кој сака да постигне совршенство во осаменоста; верува дека со тоа ќе дојде до ослободување и спасение. Есал му расправа на Хај за Бог, за Коранот, за ангелите, пратениците, за Последниот Ден - тоа Живиот го има веќе сознаено со непосредното дофаќање на вистината. На Хај му било доста да јаде толку колку да го одржува животот, а не можел да ги разбере поимот и вредноста на имотот: "Ако луѓето навистина би ги разбирале нештата, би се свртеле кон Вистината и ништо такво не би им било потребно." Двајцава заминале на населениот остров на Есал за да ги просветлат жителите во верата. Но, колку што Живиот попредано ги учел, тие бегале од него. Кај некои, иако биле љубители на доброто и ја сакале вистината, нивните души биле несовршени и тие не оделе по правата патека, чекореле по лошиот пат, кој е заеднички за мнозинството луѓе. Другите, пак, биле задоволни со она што го имаат, предметите што ги поседуваат ги сметале за божества, а своите желби за идоли. Тие сакале да натрупуваат богатства сé додека не заминат во гроб. Врз нив не делуваат ниту зборовите ниту предупредувањата. Тие немаат мудрост, потопени се во незнаење, а срцата, како со рѓата, се освоени од она по што се стремат. Со нив не може да се разговара за Вистината, ниту за тоа како своето однесување да го искачат на повисок степен. Тогаш Хај видел колку Пратеникот Мухамед бил мудар кога ги насочувал луѓето со средствата кои овие можат да ги разберат, за така да им го олесни етичкиот пат и спасението. Потоа Хај се вратил на својот пуст остров, каде што се посветил на контемплацијата. Етичката идеја на "Живиот, син на Разбудениот" е дека среќата не е во простиот живот на земјата, туку во остварувањето на целосно единство со Бога. Тоа бара пред сé **духовна**

**дисциплина и искреност**. Човекот е мешавина од тело, анимална душа и нематеријална суштина, Личи и на животните, и на небесните тела, и на Бога. Неговиот развој треба да се реализира низ сиве три аспекти. Покрај обезбедувањето на животните потреби, од човекот се бара и чистота, правилно однесување и љубезност кон сите нешта околу него. Човекот треба да ја разбере Божјата суштина и да размислува за Бога. Мора да се здобие со позитивните својства на Бога - сознание, мудрост, праведност, моќ, слобода од телесноста итн. Со ова суштествено се реализира човечката етика. Според Ибн Туфаил, со етиката и сознанието секој може да ја достигне крајната Вистина.

Слична е и етиката на Ибн Рушд. Овој е најпознат со својот став за **односот помеѓу философијата и религијата**. Тој ги брани философите од нападите на правниците и теолозите, зашто можеле да бидат обвинети како неверници и осудени на смрт, освен ако не се откажат од своите ставови. Особено расправал за обвиненијата од ел-Газали во "Несистематичност на философите". Делото на Ибн Рушд "Несистематичност на несистематичноста" претставува одбрана на философијата со оглед на нејзиното усогласување со религијата. Ибн Рушд најнапред се прашува дали философијата е забранета или препорачана со верскиот закон. Тој одговара дека философијата е одобрена и препорачана од религијата. Улогата на философијата е да расправа за нештата и за суштествата, а тоа треба да води кон сознание на Творецот. Во Коранот се зборува за **рационалното дејствување** и тоа му се препорачува на човекот, а тоа е повеќе од обичното размислување. Бог бара да биде сознаен од човекот со докажување, кое е метод за доаѓање до сигурни сознанија. Заклучокот е дека човекот треба да се охрабрува да студира и да размислува за светот и за разните други нешта. И целта на религијата е определена со философски термини - да се постигне вистинска теорија и вистинска практика. Вистинското сознание се однесува на Бога и на сите други нешта и суштества, како и на прашањето на среќата и несреќата на овој и на другиот свет.

Луѓето Ибн Рушд ги дели на три вида: философи, теолози и обични суштества. Философите се занимаваат со докажувањето, теолозите со пренесувањето на официјалното учење, а толпата разбира само преку примерите и раскажувањето. Тоа значи дека философијата и религијата се во согласност, нивниот предмет и цел се исти. Според Ибн Рушд, **философијата е близначка на религијата** - тие се пријателки кои меѓусебно се сакаат. Меѓутоа, ако се случи традиционалното религиско да биде спротивно со рационалното, толкувањето треба да биде **во согласност со рационалното**. Ибн Рушд укажува дека ни во религијата нема консенсус за сите прашања, па ел-Газали немал право да ги обвини философите дека се неверници затоа што имаат различни мислења. Така Ибн Рушд се претставил како истакнат рационалист (потоа на Запад тоа ќе му обезбеди најголемо уважување и дури неколку векови ќе постои движење "европски авероизам").

Ибн Рушд учел дека Бог е праведен и никогаш не му прави неправда на човекот. Но природата на човекот не е апсолутно добра и тој не е секогаш добар, иако кај него преовладува добрината. Мнозинството од луѓето се добри. Бог го создал **доброто како суштина на егзистенцијата**, а злото е случајна појава наспроти доброто. Затоа, според ибн Рушд, во светот надвладува оптимизам и треба да буде така.

Ибн Рушд учи дека има два вида ум кај човекот - практичен и теориски. Практичниот ум им е заеднички на сите луѓе; тоа е способност за вештини и е корисен за живеењето. Но практичниот ум пропаѓа, затоа што зависи од осетите и имагинацијата. Со практичниот ум човекот сака и мрази, ја гради живејачката,

живее во општеството. И добродетелите се производ на практичниот ум. Тие се наша претстава според која се движиме кон доблесни дела. Всушност, **целото човеково постоење е еден вид патување** - кон Бога, кон сознание, кон наука (која е нужна за добро на сите луѓе кои живеат во цивилизирана заедница), кон откривање и кон градење на нешта околу себе. Ибн Рушд верувал дека сите нешта во светот се случуваат со законитост и дека оваа може да се разбере со откривање на причините и последиците.

Најзначајното е тоа што човекот, поради неговиот ум, е *посредник меѓу вечното и минливото*. Тој не мора да остане ограден со минливото. Тој може да постигне единство со активната интелигенција на Бога. Тоа единство е најзначајниот извор за човековото блаженство и среќа. Ова е особен предвесник на **просветителската** етика, која во последниве векови во светот ќе најде мнозина приврзаници и објаснувачи.

Етиката кај Ибн Рушд е изведена од внатрешните потенцијали на личноста. Целосното сознание значи проникнување во апсолутното и соединување со него. Доброто означува **достоинство и совршенство**, коишто ги нема во злото. Затоа првостепено етичко значење има интелектуалното досегање до врвовите на постоењето и на сознавањето, како најголем извор за доброто. Колку повисоко се крене сознавањето, толку се поквалитетни дејствувањето и постоењето.

**Етички мисли од Ибн Рушд**

“Има два начина како добродетелта да стане постојана во душите на граѓаните. Нивните исправни ставови може да се зацврстат со помош на говорничките и поетските искажувања. Сепак е поправилен методот на подучување во филозофските учења на малиот број избрани.“

“Треба секој да постигне онолку човечко совршенство колку што неговата природа може да прими според своите капацитети.“

“Светиот Закон не бара од никого да се побиваат и отфрлаат науките.“

# 35. Мозес Мајмонид
## СРЕДИНАТА Е ВИСТИНСКИ МОРАЛ




Народите со долга историја имаат по неколку бележити етичари. Особено ако етиката е составен дел на нивното живеење, кога таа е поврзана со верата и со опстојбата. Таков е случај со *Евреите*, кои имаат три илјади години национална етика, олицетворена во Божјите закони-Десетте заповеди и во другите животни раководни ставови. Имаат и многу мислители, “раби“, кои особено се искажувале во етиката. Ги претставивме идеите на Давид и на Соломон. Во тој народ се јавил еден етичар, Мајмонид, кој толку предничи, што сите го истакнуваат како **најзначаен еврејски философ и морален мислител**.

**Мојсеј** (Моше) **бен Мајмон** (евр. анакроним Рамбам; лат. **Мајмонидес**) е роден во Кордоба во 1135 година. Овој град во Јужна Шпанија тогаш бил центар на арапската наука, но и на мислата на Евреите, раселени низ целиот свет. Татко му бил учен човек, истражувач на Талмудот, како енциклопедија на еврејството, која содржи верски, етички, правни и други животни прописи. И Мајмонид ги студирал Тора (Мојсеевите книги од Стариот Завет) и Талмуд, но и разни науки - логика, математика, астрономија, медицина. Тогаш во Шпанија се случиле верски прогони и семејството избегало во Мароко, а потоа во Египет. Брилјантниот лекар Мајмонид станал дворски лекар на султанот Саладин. Од 1165 година во Каиро држел предавања по теологија, философија и медицина. Пишувал на арапски, но го преведувале на хебрејски, а потоа и на латински јазик. Станал многу познат со философските и етички погледи, како нов вид **аристотелизам**. Умрел во 1204 година, а закопан е во Тиверија на брегот на Галилејското Езеро во Израел.

Создал голем број теолошки, философски и медицински дела. Уште немал 20 години кога напишал “Вовед во логиката“, која со векови служела како водич во најтешката философска дисциплина. Десет години пишувал “Коментар на Мишна“ како толкување на 13 начела на јудаизмот (постоење; единство, меѓусебна поврзаност; првенство на Бога; забрана на идолатрија; пророчка суштина; единственост на пророштвото на Мојсеј; божествено потекло на Тората; автентичност на Тората; Божја сеопфатност; наградување и казнување; месијанство; воскреснување). Исто така направил грандиозна “Книга на заповедите“, во која дал **објаснување на сите 613 Божји заповеди** (*мицвот*), од кои 248 се позитивни налози (толку има "делови" на човечкото тело), а 365 забрани (колку што има денови во годината). Овие дела до денес се јадро на рабинската литература. Монументално дело на Мајмонид е “Мишне Тора“, кодекс на еврејскиот закон во 14 книги, во кои во посовремен дух ги објаснил основните идеи на јудаизмот. Тој сакал секој Евреин да го разбере значењето на Законот (на Мојсеевите книги), односно на Божјите патишта и на особените должности на Евреите во реализирањето на Божјето провидение. Мајмонид покажал какви биле првите усни закони и зошто подоцна се јавиле во пишувана форма (Мишна и Талмуд), како и тоа каква е улогата на општествено-политичките настани во суптилните промени на прописите. Интересно е што Мајмонид ја претставил корелацијата помеѓу интелектуалната атрофија и

политичкото пропаѓање. Делото “Водич за заблуделите“ е учебник за студентите по теологија. Целта била да се помири доктринерната строгост според Мојсеевата Тора со нужната научна слобода.

Мајмонид се учел врз Аристотеловите дела и целиот живот останал верен на идеите на големиот мислител. Всушност, тој ѝ припаѓа на традицијата на *ал-Фараби* (872-950), философ од Багдад, кој го развил аристотелизмот во арапската култура, за оттаму да влијае врз сколастичкиот европски дух. И Мајмонид на ист начин ја делел философијата на: логика и философска пропедевтика; теориска философија, во што спаѓаат физика, математика и теологија; и практична философија, во која се развиваат етика, политика и економија. Тој настојувал идеите на Аристотел да ги усогласи со еврејската религија, да ја рационализира верата. Истакнувал дека оние места во светите списи кои не се сообразни со философските вистини имаат алегориска смисла. **Она во што се верува не треба да му противречи на умот**. Философијата води кон интелектуално и морално совршенство, кон спокојство, дури и кон здравствен идеал. Станува збор за култура и за вистинско знаење. Затоа **барањето на највишата вистина е највредна цел и задача на човекот**. Според Мајмонид, Аристотел е најголем авторитет во човечките науки во овој свет, а Објавата е врвно знаење за небескиот свет. Мајмонид го барал единството, поврзаноста помеѓу религијата и философијата. Тора го учи човекот како да го најде патот до Бога. За да го разбереме постоењето на Бога, треба да го истражуваме Божјето дело, создавањето на овој свет. Значи, за да се разбере најважното, треба да се биде научно опремен. Философското сознание на Тора овозможува во заедницата да владее хармонија, онака како што тоа го замислувале мудреците. Така религиските истражувања водат кон истата цел како и философските. Мајмонида го ценеле, но имало и осудување на неговите книги на спалување, а ортодоксните еврејски учители забранувале нив да ги читаат помладите од 25 години.

Мајмонид бил суштествен **просветител**. Тој верувал дека човекот може да биде хуман само ако постојано го *усовршува својот интелект*. Развивајќи го својот разум, посебно со читање, човекот го надминува студениот рационализам и никогаш не ги заборава двете обврски: *љубов кон Бога* и *стравопочит кон Бога*. Науката овозможува сé подлабоко да се сознае бесконечната Божја мудрост. Бидејќи оваа е бесконечна, таа мора да се сознава сé повеќе, како што и Бог мора да се сака сé повеќе. Со поголемото сознание и љубов ние дознаваме дека сме конечни суштества пред Бога, кој е бесконечност. Делата на Мајмонид се всушност учебници за разбирање на светот и на местоположбата на човекот во него. Тој така и пишува, дидактички. Во нив тој е педагог кој ги насочува Евреите кон разбирање на јудаизмот, верниците кон разбирање на Бога и верата, луѓето кон разбирање на себе и на животната етика, бидејќи во неговите дела етиката зазема мошне значајно место. И таа е аристотеловски изградена како **учење за добротелта на средината**.

Во делото “Мишне Тора“ цел оддел е посветен на моралните склоности и поведение. Мајмонид покажува дека луѓето имат различни морални склоности. Некој е раздразлив, друг мирен, некој пожуден, друг воздржан во нагоните, некој алчен, друг аскет, некој ведар, друг меланхоличен итн. Некои од овие склоности се вродени и потекнуваат од првите времиња на луѓето, другите настанале во текот на развитокот. Сеедно какво е нивното потекло, не смее да се прават екстремности и никој не треба да се учи на нив. “Патот на добрите луѓе“, како што го нарекува Мајмонид, **вистинскиот пат води низ средината**. Човекот треба

да ги проценува своите склоности и да се држи во средината помеѓу крајностите. Средниот пат е добар и правилен. Кој се држи за него е мудар.

**Светец** (*хасид*) е оној кој особено е совесен и според тоа е забележан. Својствата кои треба да ги развива се оние кои ги има Бог - благост, милосрдие, светост, трпеливост, многу добрина, праведност, чесност, совршенство. Мајмонид вели дека пророците го опишувале Бога со овие атрибути за кај луѓето да родат желба и навика да ги одгледуваат тие вредности и така да го подражаваат Бога. Овие својства може да се развиваат ако човекот постојано прави добри дела, сé додека тоа не му стане лесно и нормално, а тие склоности не станат негов карактер. Затоа средниот пат Мајмонид го нарекува "пат Божји", укажувајќи дека така и Авраам го именувал: "Кој оди по тој пат си обезбедува за себе среќа и благослов".

Луѓето **кои се стремат кон злото се болни во карактерот**, слични на оние кои се здравствено болни, па побаруваат нешта кои не се пријатни за здравите. Тие го мразат добриот пат, го напуштаат патот на чесноста за да одат по патот на темнината. Како да се поправат морално болните? Треба да идат кај мудреците, кои се лекари за душата, кои ќе ги подучат како да се вратат на вистинскиот пат. За оние кои сфаќаат дека имаат грди склоности, а не се јавуваат за помош кај мудреците, Соломон рекол: "Само глупавите ги презираат мудроста и поуката". Со обука може да се излечат раздразливоста, бахатоста и другите слични лоши крајности, и тоа така што личноста ќе се вежба за другата крајност додека не се навикне на добро однесување. А од некои крајности, каква што е горделивоста, не треба ни да се стигне до средината, туку е човечно само стремењето кон спротивноста - скромноста и кроткоста. Според Мајмонид, со горделивоста се негираат начелата на религијата, со нив се заборава Бог. Таква склоност е и гневот: "Оние кои покажуваат наклонетост кон гневот - нивниот живот не е вреден да се живее". Чесните трпат понижувања, но не ги прават, слушаат прекорувања, но не возвраќаат - во делата ги води љубовта, а во страдањата се весели, личат на силината на Сонцето кога изгрева.

Мајмонид особено го критикува умилкувањето и додворувањето. Не смее да се мисли едно а да се зборува друго. Никого не смееме да го мамиме: "Забранет е дури и еден збор на ласка и на измама. Секогаш треба да се цени искрен говор, чесен дух и чисто срце, лишени од секоја дрскост и изопаченост". Во животот не треба да се занесуваме со големи желби (како брзо збогатување), треба да се биде задоволен и да се најде радост во она малку што се има: "Кај сите склоности човек треба да ја избира средината, така што неговите склоности да бидат точно на средината помеѓу крајностите".

Што се однесува до нагласената воздржаност, Мајмонид потсетува дека човек треба да го следи само она што е забрането во Тора: "Никој не би требало со заклетва или завет да си го ускратува она што е дозволено". Не треба да има самоизмачувања, постови и претераности. Хигиената треба да се чува заради здравјето. Но, предупредува Мајмонид, како ќе се разбере науката и ќе се размислува за Бога ако човек е гладен и болен. А целта е да се биде посветен на Бога и на мудроста, што човечките патишта ќе ги направи вистински. **Мудрецот** се препознава според мудроста и моралните принципи, а тоа треба да се види во сите негови дејности - јадење и пиење, семејство, грижа за хигиената, говор, одење, облекување, деловни дејства. Кај него тие нешта се префинети и уредни: "Учениот човек ги води своите работи чесно и искрено. Неговото Не навистина е Не; неговото Да навистина е Да... Неговото начело е да се држи за својот збор и да не отстапува од него".

Врз човековите чувства и постапки делуваат и неговите соседи и соработници. Затоа тој треба да се дружи со чесните и мудрите за да учи од нивните постапки, а да бега од безбожните и расипаните, за да не се расипе од нивниот лош пример. Мајмонид дури ја генерализира оваа препорака за избор на добрите како друштво, па вели - ако некој живее во земја каде што обичаите не чинат и населението не оди по вистинскиот пат, тогаш би требало да се замине некаде каде што луѓето се чесни и го следат патот на доброто. Ако тоа не може да се стори, тогаш треба да се осамиме; во секој случај **не треба да ги примаме грдите обичаи** и начела на грешниците.

Односите со луѓето од својот народ и вера, вели Мајмонид, треба да се според начелото секој обврзно **да живее добро со соседот**, да зборува добро за него и да го чува неговиот имот како што си ги чува својот имот и чест. Кој забележи дека ближниот тргнал по лошиот пат и си прави зло себе, должност е да го врати на добриот пат. Мајмонид дава многу поуки за трпеливоста, разбирањето, простувањето. Не треба да се прави насилство, туку треба да му се помага на ближниот. Воспитувачот треба да настапува благо, нежно и љубезно. Никој никого не треба да озборува или да говори грдо за некого. **Не треба да има клевети и одмазда**. Еден од советите е посебен: “Кој се воздигнува себе понижувајќи го другиот, нема да има место на оној свет“.

Мајмонид е мудрец кому главна животна преокупација му е **доброто на луѓето**. Тој го замислува човекот како *цивилизирано* суштество, кому основна цел му се неговото добро и добрите меѓусебни односи со луѓето. Таквиот човечен свет е возможно да се воспостави само со одговорни единки, кои бирајќи ја средината одат по вистинскиот морален пат.

**Етички мисли од Мајмонид**

“Вистинскиот пат е средниот пат.“

“Човек треба да го посакува само она што апсолутно му е потребно на телото и без што ова не може.“

“Човек треба да се навикне да не се лути дури и кога е во прашање нешто што го оправдува гневот.“

“Не смее да се зборува едно, а да се мисли друго. Внатрешното и надворешното треба да се совпаѓаат - треба да го зборуваме само она што го мислиме.“

# 36. Џелалудин Руми Мевлана
## МИСТИКА И ЕТИКА



Во сите религии, па така и во исламот, голем е стремежот за мистички однос со Бога, за крајно сознание на Бога, т.е. за воспоставување интимен, личен допир со Бога, за духовна и животна посветеност на верникот, за извишување над реалноста (т.е. над она што е ограничено) и за втопување со Врховното Суштество. За суптилноста на тој занес попогоден е поетскиот израз, затоа мистиците често религиските и етички сознанија ги искажуваат со поезија или со афоризми. Најбележитиот поет-мислител во исламската философија Џелалудин Руми е еден од најпознатите етичари на исламот. Него го сметаат за **најистакнат мистички поет во целиот свет**.

**Џелалудин Руми** е роден во Персија во 1207 година. Со татко му *Бахаедин Велед* (1152-1231), наречен "Султан на учените", се преселиле во престолнината **Коња**, по покана од селџучкиот султан Алаедин Кејкубат. И син му *Султан Валад* (1226-1318) бил прочуен мистик. Името Руми ("Римјанин") доаѓа од тоа што Коња, во јужна Турција, порано била во Римското Царство и во Византија. Но, Џелалудин е универзален мислител - во песните вели дека **вистинска татковина му е небото**, на кое тој му се моли да ѝ се врати. Особеноста на Руми е единството на верата, логиката и етиката. Му ја дале титулата *Маулави-и Махнави* ("Доктор на значењата, на смислата"); велеле дека тој без тешкотии го симнува превезот на привидот за да се загледа во битието.

Руми учел од таткото и од другите учени околу нив. Учителот *Бурхан ал-Дин Мухахкик* го насочил кон самостојно размислување. Момчето студирало и во Дамаск и во Алеп. Сепак средбата со мистикот **Шамс од Тебриз** направила пресврт во неговиот живот, се појавил еден нов, автентичен Руми. Двајцата разговарале шест месеци во затворена соба. Оттогаш настапите на Руми се здобиваат со исклучителна духовна и морална сила, неговите зборови воодушевуваат и понесуваат. Го нарекле **Мевлана**, што значи "мајстор", "учител". Така Руми од академски теолог и вообичаен проповедник израснал во екстатички *мистик*, кој почнал *поезијата и музиката* да ги смета за подобри изразни средства за вистината од философијата и смирената теологија. Почнал да инсистира на *личното искуство*, врз кое треба да се вкоренат верата и живеењето. Тоа го споредил со **патување со отворена душа и срце**: "Пат ќе ти се отвори ако кренеш на пат... Ако вечно се веднеш, не ќе имаш свој свет".

Руми презел *разновидни* духовни блага. Го прифатил хеленистичкиот рационализам. Му било блиско духовното дело на најголемите пророци-учители од Ибрахим (Абрахам, Авраам) до Мухамед. Го изразувал морализмот на израелските профети, исламскиот етички активизам и сеопфатната љубов и идејата за трпеливост на Исус. Се стремел да го разбере сето човечко и да се доближи до божественото. Дал најшироко толкување на *единството на религиите* (денес тоа учење се нарекува *екуменизам*, "сесветска поврзаност").

Душата на Мевлана била отворени кон сите правци за **да го достигне врвното единство**. Запишал дека 72 народи ги слушаат овие тајни, небаре се од “кавал од кој излегуваат стотици звуци во ист тоналитет“. Него го сметаат за близок и го сакаат низ целиот свет.

За Руми, во царството на духот нема авторитет без лично остварување. **Бог е вистина која треба да се доживее**. Затоа односот на човекот спрема Бога не е проста работа, која треба да се моделира во догма. Човечкото треба да се **соедини со божественото**, за да биде опфатено од бесконечното.

Разни дела на Руми потекнуваат од последователите, кои почитта кон него ја изразуваат и со посветување на своето авторство. Негови лични дела се: збирка поеми посветени на пријателот Шамс, расправи и проповеди за религиски и етички прашања, 150 писма до владетели и министри, кои ја покажуваат високата социјална етика на Руми како грижа за општите проблеми, а најпознато дело е “**Масневија**“ (Работилница на единството) од римувани стихови, каде што најнапред се говори за неизградените личности, потоа за разбудените, за стремежите, за вежбањето на душата да стане индиферентна за богатствата од материјалниот свет, за Љубовта, за Обожавањето, за потребата од облагородување и од духовно вођство, за набљудувањето на Божеството во секоја појава и за соединувањето со Бога.

За Руми светот е единство на вистината и појавата. Основата на егзистенцијата е духовна, слична на она што го чувствуваме во себе како дух или внатрешно Јас. Светот е исполнет со безброј индивидуи. Руми дал спиритуално атомистичко учење (кое ќе го повтори дури Лајбниц). И материјата е одухoвена: “Земјата и водата, огнот и воздухот се живи во очите на Бога, иако пред нас се појавуваат како мртви“. Мистичката свест има сила да ја сознае духовната основа на битието. Вистината е непросторна и невременска. Секое суштество произлегло од Бога со сеење на духот и секое има незапирлива потреба да се враќа на својот извор. Импулсот за тоа, според Руми, е **Љубовта**, која е принцип на *еволуцијата* на сето постоење. Сето природно се стреми да се врати кон врутокот, откаде што настанало. Така Руми ја истакнува *исламската етика на интеграцијата*. Вечен е нагонот за искачување на сé повисок степен. Бог е основа и цел на секоја егзистенција, а животот е активност која се стреми кон возвишување и соединување со Бога. Ова патување личи на **еволуција**. Така Руми предвестува и други научни откритија: “Сегашната моја разумност не е кулминација на духовната еволуција. И тоа треба да се надвладее, зашто уште сé е извалкано со егоистички биолошки нагони. Илјада други типови на разумот и свеста ќе следат во понатамошниот тек на моето качување; тоа е чудо над чудата! “

Во Коранот се вели дека Бог му го вдахнал својот дух на првиот човек Адам. Проникнувајќи во своето вистинско јас, човекот може да се сфати не само себеси, туку и суштината на сé што постои. Руми го охрабрува човекот за ова: “Заѕидај ја вратата на својот дуќан и отвори ја на другата улица, на онаа на која припаѓа твојот вистински непросторен дух“. Можноста на сознание при пресвртување на позицијата од која гледаме Руми ја наоѓа во сончевата светлина, зашто е сеедно од која страна таа влегува во куќата.

Суфизмот на Руми е карактеристичен исламски мистицизам. **Бог е Љубов и основна е љубовта спрема Бога**, кој тројно љуби: како Рахман создава од љубов, како Раб сето го одржува со помош на љубовта, а како Рахим простува од љубов. **Љубовта е темел на верскиот и етичкиот живот**, но таа има и космичко значење, како креативен и еволуциски импулс во сите суштества. Небеските движења не се слепи и механички, тие се бранови во бесконечниот океан на

Љубовта. Кога не би имало *универзална љубов*, постоењето би се вкочанило и би станало ништо. Неорганското не би се издигнало во вегетација, оваа не би стасала до анималниот живот, а животот не би дошол до умот и духот. Без Љубовта ништо не би се движело, не би имало жетва на животот.

Поради тоа Руми му предлага на човекот да се ослободи од сé што е плитко - "за да можеш да го слушнеш сопствениот глас". Исповедта на Руми е универзална, тој се труди да биде мислење и вера на Универзумот - на ѕвездите кои светат, на потоците кои течат, на дрвјата кои растат, на луѓето кои живеат вистински, духовно и етички. Космичката Љубов ги трансцендира верувањата и философиите. За Руми нема спротивност помеѓу Љубовта и универзалниот разум. Ако човековиот ум е одвоен од универзалниот разум, тој останува на биолошкото и утилитарно ниво, а јазикот, кој е надворешна манифестација на умот, не може да ја опише Љубовта. Перцепциите и волјата на човекот би биле заробени од биолошките потреби. Суштината на човечкото живеење е **себевоздигнување и соединување со луѓето, почитување спрема луѓето и правење добро за нив**.

Руми е вешт логичар, длабок метафизичар и врвен етичар. Тој вистински верува и е сообразен со Добрината, ја постигнал Вистината. Тоа **може да го реализира секој човек**, во секого има потенцијали за идеална личност, тие лежат во секоја единка. Целта на животот е да се постигне **совршенство**, и тоа секојдневно, со сите мисли и со сите дела.

Руми умрел во 1273 година, ожален од сите. До гробот го испратиле не само муслиманите, туку и верниците на другите религии, велејќи дека тој е и нивни светител. И денес кон Конја одат почитувачите на делото на Руми и на етиката воопшто, за на ова свето место да почувствуваат широко морално зрачење. Таму се поклонуваат стотици илјади луѓе годишно од сите религии, изразуваат восхит кон мудроста и моралот на Руми. Да се отиде кај Руми и да се биде при него, со него, со неговиот длабок ум и најблагородна душа, тоа е една од најискрените и најубави доживелици во животот на многу луѓе (па и моја). Неговите книги се преведуват на сите јазици и стануваат *бестселери*, како израз на новата популарна психологија на самосвеста, на светското единство и на позитивниот морал (особено е интересно што секаде стана мода книгите на Руми да се подаруваат на најблиските за роденден).

Проникнувањата на Руми во духовното царство се автенични, неговата посветеност кон Бога е апсолутна, неговата вера е кристално чиста. Загледан во битието, тој доаѓа до сознанија кои му укажуваат на правиот пат и како треба да издржи на него за да се добере до уште некое важно откритие и до високи вредности. Кај Руми сретнуваме **духовно богатство, силна етика и сеопфатна љубов**, прекрасно изразен исламски динамичен став. Тој се обидел да го сознае божественото толку колку што му е дадено на човекот, а човечкото го познавал докрај. Најважното што го согледал и го истакнувал е обврската да бидеме **скромни, посветени, благи, трпеливи, умни во постапките, широкострани, пријателски настроени кон сé**. Односот на човекот кон Бога не е проста работа, која може да се задоволи со догма. Тој однос треба да биде остварен во длабочината на суштествувањето. Пораките на Руми се трајни, тие се меѓу највисоките дострели на човештвото на патот кон Вистината и Добрината.

Руми немал намера да втемели секта или движење. Но, учениците формирале група, развивајќи и некои надворешни прописи и ритуали, како заедница на *дервиши кои танцуваат*. Имаат официјална бела облека, со високи капи, и танцуваат вртејќи се на прстите, само во круг, сé побрзо и побрзо, со спонтано извирање на песните од грлото, како израз на разбранетата душа.

Кандидатот за членство во "Мевлана" треба да се потчини на етичка дисциплина и на служење на другите, како лек наспроти човековиот стремеж за горделивост, моќ и привилегии. На крајот доаѓа симболично капење, чистење од сите ниски нагони: посветениот дава завет дека целосно ќе се воздржува од сите неморални дела. Така денес групите, кои низ светот со музиката и танцот го покажуваат својот однос спрема верата и мистиката, го реализираат почитувањето спрема Руми и го претставуваат овој особен, шармантен начин на високото етичко сознание и морална практика.

И на македонски јазик може да ги читаме зборовите на Руми во превод на Илхами Емин, кој ни овозможи допир со изворното суфиско искуство. Покрај делата на турските поети-мистици **Ахмед Јесеви** (1093-1167) и **Јунус Емре** (1240-1321), Илхами Емин ни даде прекрасни книги на песни од **Руми** "Патувањето на човекот" (изд. Феникс 1997) и "Кој и да си, дојди" (Три 2007), низ кои можеме да го доловиме волшебниот етички дух на величествениот мистик. Турско-македонско-албанскиот весник "Заман" организираше достоинствено одбележување на **800-годишнината** на раѓањето на Руми во декември 2007 година со присуство на цели семејства во скопската Универзална сала. Таму имав говор за Руми и е одржана специјална приредба за Мевлана, во рамките на денот на големиот поет-мислител, кој УНЕСКО, застапувајќи се за изградба на универзална етика на човештвото, го прогласи за единствен светски духовен празник.

**Зборови на Џелалудин Руми**

"Во секоја доба по тројца *сопатници* имаш. Првиот е пријателот, вториот имотот, а третиот доброто дело.
Имотот не може со тебе, од куќа не се дели. Пријателот доаѓа до гробот па ти вели: Одовде натаму разделба е знај. Извесно време ќе поседи, и тоа е крај.
Сал доброто дело и в гроб те следи. " (*препев Илхами Емин*)

**7 ПРЕПОРАКИ НА МЕВЛАНА**

- - Во дарежливоста и во помошта на другите биди како реката.
- - Во сочувството и во милоста биди како Сонцето.
- - Спрема грешките на другите однесувај се сличен на ноќта.
- - Кога се лутиш и кога си бесен биди како во смртта.
- - Во едноставноста и во изразувањето на почитта биди како земјата.
- - Во толерантноста биде широк како морето.
- - Во однесувањето биди лично ти.

# 37. Свети Тома Аквински
## ВО СЕБЕ ДА СЕ ДОСТИГНЕ БОГ



Постојат етичари кои размислуваат и говорат само за етичките проблеми и вредности, но големите мислители на човештвото ги обмислуваат сите прашања важни за животот и за разбирањето на светот, а помеѓу нив ги разгледуваат и етичките. Тие изградуваат систем од погледи и во него ја испитуваат и етичката сфера; со тоа покажуваат дека **етиката не може да се заобиколи во целината на постоењето и на мислењето**. Најголемите вакви системи се наведуваат и при разгледбата на најзначајните етички пристапи и учења, заради значењето за моралната теорија и за човечката практика. Таква е позицијата на учењето на свети Тома Аквински.

**Тома Аквински** е роден во 1225 година кај Неапол во семејството на грофот од Аквино. Од петтата година го дале во манастир. Бил ученик на прочуениот мислител *Алберт Велики*. Се воодушевил со учењата на *Аристотел* и се обидел нив што појасно и поцелосно да ги возобнови. Заради знаењата и духовната вештина го нарекле **ангелски доктор**. Бил професор во Париз и во разни други европски градови. Неговиот систем на философски и теолошки погледи денес е *официјална доктрина на Католичката црква* (најголема светска верска организација). Свети Тома умрел во 1274 година, релативно млад, но остави огромен опус зад себе.

Неговото учење претставува врв на една епоха и специјален духовен метод наречени **сколастика**. Во Средниот век со столетија духовната активност била слична како на почетоците на христијанството. Во Големата преселба на народите се уништени останките на Римската Империја на Запад (на Исток уште долго време постоело Византиско Царство како продлжение на Римското Царство). Новите западни држави немале развиено производство ни развиена култура. Скудното знаење било сконцентрирано во манастирите, кои имале и големи имоти. Дури по неколку векови дојде до развиток на науките и на образовните институции, заедно со појавата на новите феудални држави. При стремежот во Западна Европа да се развие мислата, и натаму философијата е "слугинка на теологијата", помага рационално да се образложуваат верските ставови, што беше задача и право на Црквата. Се јавија оригинални толкувања на религиските погледи, се водеше борба за слобода на мислата, се правеа први експерименти, кои навестуваа нови научни приоди и постапки, дури се искажа и ставот дека има две вистини - религиозна/догматска и научна/философска. Процуте и училишната дејност, дојде до ширење на културата, се основаа првите **Универзитети**: Сорбона во Париз (1150), Болоња и Салерно во Италија (1158), Оксфорд во Англија (1168) - до Реформацијата (1517) се создадени 66

универзитети, сите основани од Црквата или со нејзина дозвола, каде што покрај теологијата се студираа и медицина, право и философија (со студии по логика, граматика и др.). Наставниците беа верски личности, дејноста беше под контрола на врховните верски раководители, имаше нетолерантност кон разликите во мислењата.

Многу сознанија се развиваа на *догматски* начин, како апсолутно точно, оверено, неменливо и неприкосновено сознание за разни области. Студентите ги учеа одговорите точно онака како што официјално се одобрени - тоа е *катехеза* ("одекнува", т.е. исто звучи како појдовниот звук). Името на епохата и ваквиот метод на истражување и студирање "сколастика" (од лат. *скола* - школа, водена расправа, контролирано истражување) добија дури подбивно значење, во смисла на неинвентивна, повторувачка, духовно јалова мисла. Сепак, интелектуалната активност даде и извонредни плодови: развиток на формалната логика (една од големите карактеристиките на сколастичкиот дух), развиток на Универзитетите со барање за високи знаења, многу учени творци кои размислуваа и создаваа на нов начин, како **Данте Алигиери** (1265-1321) и други. Почнаа да се јавуваат *национални* јазици, се градеа маестрални градби (романски и готски стил), ликовните уметности водеа кон Ренесансата, имаше контакти со другите делови на светот (оттаму стигнаа знаења за математиката и за медицината), се развиваа трговијата, производството, морепловството... Заедно со овој развиток се градеа нови сознајни и етички погледи.

Сколастиката е долг период од неколку векови - сé до зачетоците на Ренесансата. Прв ваков мислител бил **Јохан Скот Ериугена** (810-877) од Ирска, кого во Франција го поканил кралот Карло Ќелавиот. Ериугена сметал дека верата и философијата не се исклучуваат, зашто двете го проучуваат Бога, а вистина е само она што е утврдено со разумот (толкувањето на Ериугена за 4 степени на природното суштествување може да биде многу интересно за новиот замав на еколошкото сознание и етика). **Анселмо Кентербериски** (1033-1109) од Италија бил врховен англиски владика. За него вистинско сознание е само она кое е постигнато преку верата. **Верата е претпоставка за умот**; за да може да ги разбере основните начела и да живее според нив, човек мора да ја поседува светлината на верата - како што светлината не може да ја разбере никој што не ја гледа, ни божествената тајна не може да ја разбере никој кој не верува. Философијата треба да ѝ го покаже на верата доказот за постоењето на Бога.

Свети Анселмо учествувал во големата расправа околу проблемот на идеите-**универзалиите** (оваа проблематика е започната уште во Антиката, а има значење и денес). За Платон идеите се нешто најопшто и единствено реално; Аристотел тврдел дека нема предмет или суштество "воопшто", туку дека постојат само единични нешта, суштината се олицетворува низ постоењето. *Реалистите* како Анселмо тврделе дека идеите вистински постојат ("реални се"), единичните нешта се минливи; суштествен е општиот закон, според кој се случува сé; идеите се пред предметите и управуваат со нив (задницата е идејата дека Црквата како нешто *општо* треба да биде *надредена* над сите појави во животот и да ги насочува дејствата на луѓето). За *номиналистите* идеите се само имиња ("номен"), а постојат само единичните нешта, идеите се само зборови, со кои се означуваат одделните нешта. Ова го учел **Росцелин** (1050-1123), за кого општото е само "празен збор", "празни звуци", реално е само индивидуалното. Верата е лично сознание, кое секој може да го открие во себе (не е нужна надредена светска црква). Нему му одговорил **Гијом од Шампо** (?-1121), за кого вистински постои само универзалниот човек, чија слика ја создал Бог, а единките се случајности, кои го оправдуваат своето постоење само ако

личат на таа општа слика. За средната струја *концептуализмот* идејата е општ поим ("концепт"), со кој ги поврзуваме истите својства кај разни нешта. Ова го учел најталентираниот мислител на епохата **Пјер Абелар** (1079-1142), кој е создавач на новата европска етика на намерата и слободната совест. Многу од овие мислители настрадале, гонети од своите современици или од официјалните личности на Црквата.

Во тој долг и тежок период, идеите биле строго контролирани, а многу книги биле осудувани и спалувани. Една струја станала доминантна и уживала углед на посакувана новина. Тие идеи беа ревитализација на погледите на Аристотел во еден христијански дух. **Бонавентура** (1221-1274) бил раководител на новиот монашки ред востановен од свети **Франциско од Асизи** (1182-1226), кој поставил задача да им се помага на страдалниците и инсистирал на сиромаштвото на монасите. Бонавентура учел кај **Александар од Хејлс** (1185-1245), професор во Париз, кој до учењата на Аристотел дошол преку арапската философија. Двајцата ја сметале философијата како **напор да се определи сигурен пат кон Бога**. Идејата на Бога постои самата по себе. Нема со што може да се сознае и докаже она што е најопшто (специфичното во поединечните нешта го сознаваме со знаењето за битието, за општото). Бонавентура препорачувал свртување на човечкиот дух кон Бога и негово сфаќање со внатрешна извесност. Философот **Алберт Велики** (1193-1280) бил професор во Келн и Париз. Тој ги користел идеите на Аристотел за појаснување на христијанските учења. Го нарекувале **доктор универзалис**. Помеѓу природното/философското и теолошкото сознание тој укажувал дека секое има своја област и дострел - теолошките сознанија се однесуваат на нештата што не може да ги дофати природниот разум во човекот.

Најголемиот сколастички мислител свети **Тома Аквински**, ученик на свети Алберт, има напишано многу интересни книги - коментари на текстовите на Аристотел, дела "За битието и суштината", "Против неверниците" (во 464 глави, насочено главно против Арапите - делото се нарекува и "Сума-збир на сите идеи на философијата") и др. Најважно дело е "**Сума на теологијата**", во кое дава приказ и одговор на *сите* теолошки прашања. Во него ги резимира погледите на Аристотел, но ги обликува во особен вид прифатлив за Црквата. Во делото има 612 прашања и 3.000 поглавја (тоа е целосна теологија, за секој проблем има одговор). Во првиот дел се расправа за суштината на Бога, во вториот за природата на човекот и за неговите пројави, за тоа како треба да се живее, во третиот дел за Христос како посредник меѓу Бог и човекот.

Делата на Аквински се возобнова на погледите на *Аристотел*, кои на Запад беа непознати сé додека не стигнаа преку преводите кај Арапите и во книгите на арапските мислители (Ибн Рушд и др.) и на еврејскиот мислител Мајмонид. Овие учени луѓе имаа големи амбиции и знаење и се трудеа ставовите да ги изразат совршено (како за животот и за етиката предлагаше прочуениот, мошне влијателен, поред сé во медицината, Ибн Сина). Така дејствувал и Аквински, со желба да ја открие суштината на секое нешто, а навлегувајќи во суштината на тие суштини да дојде до крајната едноставна и чиста суштина на сенешто - Бог.

Сите нешта, според Аквински, постојат како спојување на материјалноста-граѓата (како потенцијал) и формата. Само **Бог е чиста форма**, Апсолут, апсолутна реалност и нужност, кој светот го создал според своја волја и “од ништо“. Бог е чист ум и вистинска мудрост. Затоа светот што го создава, вели Тома, мора да биде **најдобар можен свет**, бидејќи на Бога не му соодветствува да создаде нешто лошо (теодицејата како објаснување дека овој

свет е најдобар од сите можни светови ја разви подоцна Лајбниц). Бог не го создал моралното зло. Тој само го дозволил заради споредба со поголемото добро што може да се постигне. Божјата волја се стреми кон најдоброто, најразумното. Исто така човекот се стреми од нижите форми на сознание кон повисоките и од нижата разумност кон повисоката.

Идентично е и со човековата волја, која се разликува од сетилните стремежи. Волјата е насочена кон Доброто како такво или кон доброто воопшто (сетилната желба не се стреми кон доброто, туку кон посебните посакувани објекти). Волјата нужно оди **кон Доброто**. Тоа не значи дека волјата се присилува на тоа - нејзиниот копнеж зависи од нејзината природа; оваа неа ја насочува кон Крајната цел или кон среќата/блаженството. Затоа волјата и етиката не може да се разберат без нивната природна цел - која за човекот е нужен, свесен стремеж кон Бога. За тоа човекот ќе користи средства кои ќе го одведат кон **Бога** како **бесконечно Добро**. Ако човекот не ја согледа вистината, тој може да има и други цели, кои нема вистински да го водат кон среќата. Насочувајќи се кон сетилните задоволства, тој греши морално; затоа треба да има јасна свест за нужната поврзаност на доброто дејствување со реализирањето на вистинската етичка цел. Земните добра и среќа се само хипотетички.

Со добродетелта се надвладува сетилноста и се постигнува среќа во животот. Среќата значи **во себе да се има Бог**. Човековата совршена среќа се достига со имањето визија за Бога. Природен копнеж на човекот е да ја сознае Божјата суштина, а човековите дела се добри или лоши во зависност од тоа во колкава мера се средства за постигнување на оваа цел. Аквински има дадено исто така многу објаснувања за моралот во социјалниот живот (тој е еден од големите теоретичари на државата и учители на економијата).

Во етиката, како и во системот, Аквински го следи Аристотела. Ако некој префрли дека античките идеи тешко може да функционираат во христијанството, тој одговара дека не е важно што кажале писателите кои не се од ист сој, суштината е во она што го кажале и што може да се употреби. Аквински позајмува од Аристотел, не расправајќи за неговото место во претхристјанската епоха. Така и кај Аквински моралот е олицетворен со придржувањето кон **средината**, што зборува за согласноста на душата за соодветните дела. Мерилото на моралните постапки е **умот**, кој управува со човековата дејност и ги определува обврските. Но, главна етичка смисла има свртеноста кон достигање на Бога.

Според свети Тома, оваа животна и етичка задача на секој човек може да се реализира само во закрилјата на Црквата. Затоа неговиот заклучок е дека е нужна **теократија**, директна власт на Црквата, Папата и свештенството, за преку нив да се изрази врховната власт на Бога. Тоа е идеја на развиениот *феудализам*, во кој сите сегменти на човечкиот живот се суредени според образецот на точно определено место на секого во животот, а истовремено е и философска слика за совршена етичка насока и дострели. Етичките идеи на Аквински се присутни низ целиот свет, посебно таму каде што кај своите верници влијание има Католичката црква, најголемата и најстара институција на светот.

**Етички мисли од свети Тома Аквински**

“Совршенството на Бога е неговата добрина.“

“Крајно и совршено блаженство може да постои само во визијата за Божјата суштина.“

“Природен копнеж на човекот е да ја сознае Божјата суштина.“

“Доброто е она што треба да се прави и следи - злото е она што треба да се избегнува.“

# 38. Сер Томас Мор
# ИДЕАЛНО ЖИВЕЕЊЕ



На почетокот на една нова духовна и животна ера - **Ренесансата**, сепак не се многу сменети целосните вредносни ориентации, бидејќи религиозните погледи остануваат силни. Долго пред тие денови се подготвуваа никулците, околностите и чувствата за новото живеење, но нештата не се менуваат толку бргу, уште долго зад нас остануваат не само сеќавањата за тоа како било порано, туку новите сознанија и ориентации се измешани со дотогашните главни и помалку главни вредности. Нештата течат во континуитет, сé додека не стигне новата генерација, која порадикално ќе се зафати со промените кои ќе означат нов етички систем. Меѓутоа, во меѓувреме сé појасно **се појавуваат нови етички теми** и се даваат **помодерни социјални и индивидуални етички решенија**, кои ги надминуваат стандардизираните животни дилеми во класичната феудална ера, па и квиетистичкото однесување (кое води сметка само за верските прашања и од човекот бара целосна животна посветеност на размислувањето за Бога и на молитвите). Некои од тогаш зачнатите етички аспекти се живи сé до денес, што покажува колку Новиот век трае долго, за етичката мисла и практика и натаму да се поттикнуваат со слични визии.

Помеѓу тие нови прашања и идеи особено е интересна замислата за *идеално живеење на овој свет* или на некое друго реално место, а не само на другиот свет, каде сите нé очекува иста судбина. Тогаш започнаа многу далечни патувања и се откриваа светови кои дотогаш не беа познати освен во фантастичните приказни, па животните визии можеа послободно да се размавнат. Една од најзначајните, која покажува колку човекот е созреан и сонува за егзистенција и односи кои ќе бидат *похумани* и во кои ќе има повеќе среќа за сите, е **утопизмот**. Него прв го разработи англискиот мислител Томас Мор.

**Томас Мор** е роден во 1478 година во Лондон. Студирал хуманистички науки во Оксфорд. Бил член на Парламентот од својата 26-та година и близок член на свитата околу кралот **Хенри VIII** (1491-1547). Во 1529 станал **лорд-канцелар**, највисока политичка должност освен владетелската која ја имал некој филозоф. Од морални и религиозни причини бил против разводите на кралот, против одделувањето на верската организација од Рим и против (само)прогласувањето на кралот за поглавар на црквата во Англија (Англиканска црква). Бил мачен во зандана и јавно му е исечена главата во 1535

година. Католичката црква го прогласи за светец, затоа во литературата понекаде стои *свеши Томас Мор*.

Со својата книга "**Утопија**" (1516) тој стана духовен светец на целото човештво. Целиот наслов на ова малечко, но влијателно дело гласи "За најдобриот државен систем и за новиот остров Утопија". Хеленскиот префикс "у" е негирачки, означува дека нешто не постои, "топос" е збор за место, така што новосоздадената синтагма "утопија" би значела "*месшо кое ео нема никаде*". Пред тоа такво нешто не е направено како литература и етичка книга. **Платон** (428-348 пред н.е.) опиша во дијалозите "Тимеј" и "Критија" држава **Атлантида**. Таа приказна илјадници години (сé до денес) ги бранува човечките мисли и желби да откријат каде била таа земја и какви чуда се случувале таму. Како остров, во океанот, многу технички и општествено развиена, таа потонала при природна катастрофа, но од неа нема материјални останки, освен митови и фантазии. Томас Мор бил платоновец и бил инспириран од политичките дела на Платон (Држава" и "Закони", за уредувањето на совршена држава), како и од кусите искажувања за Атлантида - зашто и неговата замислена држава е на остров и за неа зборуваат некои морнари кои божемски биле таму. Инспирација сигурно било и кажувањето на **Марко Поло** (1254-1324) за Кина и за другите краишта по патот, но тие се континентални површини (мнозина мислеле дека Поло измислува, но потоа се покажа дека неговите кажувања се веродостојни). Описот на Утопија се однесува на убавината на живеењето на тој непостоечки остров и на добрите социјални принципи, обичаи и морални норми кои таму владеат.

Томас Мор бил најдобар пријател на **Еразмо Ротердамски** (1467-1536), по потекло од Холандија, кој предавал во Англија кога Мор студирал и духовно влијаел врз младиот англиски интелектуалец, кого сите го сакале поради сериозноста и моралното однесување. Еразмо бил најобразованиот и најпопуларен западноевропски писател во таа епоха. Знаел грчки, пишувал на совршен латински, создавал граматички учебници, го преведувал Светото Писмо. Го има создадено ретките духовито философско-етичко дело "Пофалба на лудоста" (1509), во кое се подбива со многу навидум важни и претерано сериозни човечки ставови (неортодоксните философи укажуваат дека за душата на човекот е мошне значајно да се смее и радува - тоа психолозите ќе го земаат подоцна како аксиом во своите терапии). Еразмо престојувал често кај Мор и му ја посветил на Мор својата "Пофалба на лудоста". Еразмо сигурно исто така го поттикнал да пишува и да размислува за идеите што ќе ги предложи со своите *моралисшички йоуки* (за кои Еразмо има направено мошне популарна книга).

Островото "Утопија" е целосна држава. Основната цел на животот на луѓето е **среќа на сите**. За тоа е потребно да имаат добра идеја и да се трудат, па така и прават. Во првиот дел од книгата има реалистички опис на разговорите кои Мор и пријателите ги имаат водено за состојбите и тенденциите во Англија, Франција и во другите земји. Раскажуваат како животот е тежок, дека се прават големи грешки во организирањето на државата, посебно на економијата. Мор ја кажа прочуената изјава "овците ги изедоа луѓето", опишувајќи како новите богаташи, купувајќи ја земјата, ги изгониле селаните, кои живееле од одгледување овци, и сега се без ништо во смрдливите градови, полни со болест, Исто така, многу е интересен ставот на Мор, *од йред 500 ӣодини*, дека техниката и производството толку се напреднати што сите луѓе може да имаат сигурна опстојба (тоа и денес е идеја на социјалните идеалисти; сепак, сé повеќе се фрла храна и неограничено се дава за непродуктивно оружје, додека стотици милиони

умираат од глад - иако има и многу организации кои помагаат за живеењето, исхраната и здравјето на бедните).

Замислениот остров во вториот дел од книгата "Утопија" го опишуваат морнари кои пловеле со Америго Веспучи, според кој новооткриениот континент е наречен Америка. Значи, островот би бил во Атлантскиот Океан и содржи права и дејства кои социјалните соништа му ги припишуваат на Новиот свет. Жителите умно ја организираат својата држава. Прво, сите работат по 3 часа претпладне и по 3 часа попладне, бидејќи за човекот е добро да работи. Со земјоделието и со занаетите не се ангажирани привремено само оние кои демократски се избрани да раководат за едно одредено време и научниците, додека измислуваат потребни технички решенија. Работата им овозможува на сите благодат, ги одржува во кондиција, но и го унапредува здравјето, кое е општа грижа. Конфликтите се решаваат со арбитража, нема опасни судири, бидејќи сите си ја сакаат земјата и системот и не се стремат да им нанесуваат штета на своите сонародници. Има уште разни добри решенија за живеење со достоинство. За етиката е најважна срцевината на човечкото размислување и однесување во Утопија - **сите се добри луѓе**. Но не се под притисок, туку слободно си го трошат слободното време, си создаваат семејство и уживаат во своите сакани задоволства (помеѓу кои е и читањето и учењето - кои Мор многу ги сакал). Дури и оние кои ќе згрешат, ги казнуваат така што нема да ги мачат, туку ќе се потрудат да ги превоспитаат, за тие нужно да станат добри луѓе.

Сѐ во земјата Утопија е одлично: "Жителите на Утопија сметаат дека животната радост, односно уживањето, е определно од самата природа како цел на сите наши дејства, па добродетелта за нив е да живеат според таа определба. Бидејќи природата ги повикува луѓето заемно да се помагаат за живеењето да им биде порадосно..., самата природа на секого од нас му заповедува постојано да внимава при реализирањето на својата корист за да не му прави штета на дригиот". Таква држава уште нема (или тешко се открива во огромниот океански простор), но Мор се надева дека ќе постои и дека сите држави ќе станат такви, умно замислени, разумно водени и со добри меѓусобни односи помеѓу жителите. Разбирливо е дека **добрата етика мора да биде составен дел на слободните и рационални суштества** на таква земја.

Приказната за утопистичкото општество, не се заврши со Томас Мор. Најголемиот англиски ренесансен мислител **Френсис Бекон** (1561-1626), кој имаше исто така висока министерска функција, има напишано пред крајот на животот утопистичка парафраза "Нова Атлантида" (1624). Големиот италијански интелектуалец, професор и авантурист **Томазо Кампанела** (1568-1639), кој мина 27 години во зандана, своите сознанија и соништа ги сконцентрира во опишувањето на идеален "**Град на сонцето**". Како завршен дел од неговите политички дела, опишано е конструирање и водење на еден град во јужна Италија. Се користат климатските удопства: "Сонцето е татко, Земјата е мајка". Сé е слободна замисла на авторот - во градот се води разумна политика, но граѓаните се подготвуваат за војување, како што било вообичаено во таа епоха. Интересно е дека Кампанела сметал оти луѓето ќе се зафатат да направат таков град веднаш кога ќе ги прочитаат неговите предлози (слично, град во слава на *Платон*, со реализирање на неговите државнички идеи, во тој ист регион милениум пред тоа сакал да крене големиот мислител **Плотин**, 205-270).

"**Среќен град**" замислил и универзалниот философ **Фрањо Петриќ** (1529-1597), хрватски мислител од Црес, со прекрасен платонистички философски систем и убава естетика. Во својот утопистички проект, покрај образложението на економските и политичко-демократските односи, Петриќ говори посебно за

етичките димензии на егзистенцијата: "Бидејќи среќата најмногу и најцелосно зависи од делувањето на добродетелта, неопходно е нашите граѓани, ако сакаат да бидат среќни, да најдат време да бидат добродетелни". Како стануваат добродетелни? Според Петриќ, човекот природно е способен за добродетелност, второто е навиката, која ја раководи разумот и ги чисти афектите од ниските и нечесни нешта, а третото е самиот разум, кој се задржува врз оние нешта кои се подобри. Значи граѓаните на идеалниот град треба да се вежбаат да му се покоруваат на својот ум.

Визија повеќе насочена кон далечно патување отколку кон опишување на идеален социјален систем направи **Сирано де Бержерак** (1619-1655), француски поет, драматичар и мислител, кој послужи како херој на прочуената херојска комедија (1897) на *Едмон Ростан* (1868-1918). Во својата книга "Комична историја на државите и царствата на Месечината и на Сонцето" (прв дел од неговата утопија "Другиот свет"), де Бержерак се подбива со општествениот систем на своето време, па го убија додека се изведуваше една негова пиеса. Со сличен мотив "Патување од Земјата до Месечината" подоцна се послужи најголемиот фантаст **Жил Верн** (1828-1905), автор на десеттици романи, од кои половината се научно интонирани.

Утопијата не замре во постренесансниот период. **Сен-Симон** (1760-1825) ќе создава визии за заедници совршено уредени со вредните работници, наспроти мрзеливите аристократи. **Шарл Фурие** (1772-1837) ќе изгради детализирана слика за **градови-фаланги**, каде луѓето, кои во себе природно имаат стремеж за заедничко живеење, ќе опстојуваат во љубов суредено и среќно. Практичниот **Роберт Овен** (1771-1858), кој здоби голем имот со способно работење, ќе ги потроши парите за хумано однесување во фабриките, добро плаќање на вработените и достојно живеење во своите градови, изградени како опкружување на производните единици. Направи такви во Англија, подоцна во САД, некои опстанаа подолго време, но беа замразени од алчните капиталисти и не можеа да издржат да ја демонстрираат оправданоста и можноста за опстанок на хумано замислените и организирани работни процеси и пријателски односи. На крајот од животот кажа: "Мојот живот не беше бескорисен. Обзнанив големи вистини, а светот не ги прифати затоа што не ги разбра. - Јас одев пред своето време".

**Вилхелм Вајтлинг** (1808-1871) своите утопистички визии од книгите "Човештвото какво што е и какво што би требало да биде" и "Гаранции за хармонијата и слободата" ќе ги образложи во форма на философски и политолошки текстови. **Етјен Кабе** (1788-1856) направи дело "Пат во Икрарија" за една утописка држава, со позитивни социјални решенија и модерни технички дострели, технолошки идеално организирана.

Примеси на утопизмот ќе имаат и разните нови романи на *научна фантастика*, каде техничката имагинација ќе биде придружена со етичка идеалност на односите помеѓу граѓаните. Некои ќе бидат **негативна утопија** - приказ на општества со репресирани граѓани, манипулирана свест и лоши морални постапки. Кај **Рој Бредбери** во "Фаренхајт 451" (на температурата 451Ф гори хартијата) се прогонуваат оние кои читаат, бидејќи свеста и самосвеста, кои ги поттикнуваат големите етички творби на човештвото, ја загрозуваат замислената "среќа" на аграмотните граѓани. Таква идеална манипулирана среќа е претставена и во "Добриот нов свет" на големиот хуманист **Олдос Хаксли** (1894-1963). Анархистички настроениот **Џорџ Орвел** (1903-1950) ги опиша страдањата на граѓаните кои сонуваат за слобода и љубов во прочуениот антиавторитарен роман "1984".

Има уште многу вакви дела, кои заслужуваат да се споменат. Рускиот философ-емигрант **Никола Берѓаев** (1874-1948) ќе напише: "Утопиите понекогаш изгледаат дека многу повеќе можат да се реализираат отколку што тоа порано се веруваше. А ние сме сега пред многу потешкото прашање, кое предузвикува јанза: Како да избегнеме тие конечно да не се реализираат?... Животот води кон утопиите. Можеби ќе дојде нов век, во којшто интелектуалците и образованите ќе сонуваат за тоа како да ги избегнат утопиите и да се вратат во општество кое е лишено од утопија, помалку совршено и послободно?" Можеби мислел на приказната од романот "Ние" на инженерот-емигрант **Евгениј Зајматин** (1884-1937), во кој се изложени заблудите и притисоците во советското општество?!

За етиката сепак е важно тоа што во оние утопии кои се замислени дека во нив владеат мир, демократија и вистинска среќа, односите помеѓу луѓето се мирни, а самите тие се креативни суштества, задоволни од живеењето. Таму каде што е дадена слика за диктаторско општество, моралот е претставен како манипулаторско дело од власта, а од друга страна е внатрешниот порив на личностите за слобода и добро однесување, иако се присилени да ги кријат чувствата и добродетелите, коишто ги иритираат злите властодршци.

Големиот германски философ **Ернст Блох** (1885-1977), значаен неортодоксен марксист, кого комунистичките власти во Источна Германија го изгонија од неговата земја и ректорска положба, исклучително блага, културна личност - ја присвои идејата за утопија не како неостварлив сон, туку како израз на **реална надеж** на човештвото за достигање слобода и среќа, кои луѓето меѓусебно ќе си ги споделуваат. Во капиталните дела "Духот на утопијата" (1918) и "Принципот Надеж" (1954-1959) Блох покажува дека *сонот за утрешнината* е универзален, бидејќи е мисла која соодветствува на самото битие: "Да се биде, значи да се живее според иднината". Блох ја парафразираше прочуената мисла **Homo homini homo** (*Човек да му биде човек на човека*), која во поинаква смисла **Homo homini lupus** Томас Хобс ја искористи да го опише негативното однесување на луѓето (*Човек на човека му е волк*), а како етички став **Homo homini deus** Лудвиг Фојербах ќе ја каже во надеж дека луѓето ќе ги сакаат и крајно ќе ги почитуваат своите сонародници (*Човек на човека да му биде бог*). Блох укажа дека и во вредните уметнички дела од минатото, како и во философските размисли за добрината, може да се најдат траги и импулси за разбирање на светот на иднината и на неговиот сјај. **Утопијата му е потребна на човекот**. Така делото на Томас Мор поттикна цело духовно движење, кое не запира и ќе дава плодови и во новата етика на грижа за иднината - што веќе се случува, на пример во делото на **Греам Парчејз** "Мое патување со Аристотел низ анархистичката утопија" (1994), каде се претставени новите визии за хумано и ефикасно суредување на еколошките проблеми во човечката опстојба.

**Етички мисли на Томас Мор**

"Според мислењето на жителите на Утопија, среќата не е во секое уживање, туку само во умното и чесното."

"Според природата живее секој кој го слуша разумот при барањето на пријатното и избегнувањето на непријатното."

"Во сенатот владее обичај за ниеден предлог да не се гласа истиот ден кога е изнесен... Така никој не доаѓа во опасност најнапред да каже нешто непромислено, па потоа повеќе да мисли како да го одбрани своето мислење, отколку да се грижи за тоа што е корисно за државата."

"Испитувајќи ги тајните на природата, тие (граѓаните на Утопија) гледаат дека не само што со тоа се здобиваат со прекрасно задоволство, туку ја освојуваат и голема наклонетост од Творецот и градителот на природата. Тие веруват дека Творецот ја изложил својата творба пред човекот за да ја набљудуваат, зашто само луѓето ги создал способни за такво нешто. Поради тоа, секој заинтересиран и воодушевен гледач на Неговото дело му е помил на Творецот од оној кој толку чудесните глетки ги гледа тапо и рамнодушно небаре некое неразбрано животно."

# 39. Мишел де Монтењ
# ЖИВОТОТ БАРА РАДУВАЊЕ И СЕРИОЗНОСТ



Нема правило колку книги пишуваат најголемите етичари. Некои имаат создадено повеќе книги, кај некои етичките идеи се измешани со другата философска содржина, некои не пишуваат, туку зборуваат, а нивните следбеници ги запишуваат нивните зборови. Некои етичари ќе **создадат само една книга**, а таа е толку значајна што станува духовен и етички образец за вековите. Такви се "Есеите" од Мишел де Монтењ, кој целиот живот има пишувано една книга, едно од најпознатите етички дела во историјата.

**Мишел де Монтењ** е роден во 1533 година во француската област Перигор во угледно гаскоњско семејство, кое со добро работење се воздигнало до благородништво. Мајка му потекнувала од шпанските Евреи, кои преминале во католичка вера, а потоа станала протестант. Монтењ целиот живот се застапувал за *верска толеранција*, која толку била потребна во таа епоха на бурни социјални, политички и културни промени и судири. Тоа било и епоха на Ренесансата, што се изразувало со новите сознанија и методи во *воспитувањето*. Нив татко му ги применил врз синот, кој, за разлика од другите деца, бил воспитуван "без камшик и солзи". Му зел воспитувач кој знаел само латински јазик, а на латински му зборувале и домашните, така што Мишел изворно го научил најраширениот научен јазик во Западна Европа и од малечок ги читал римските класици. Се школувал во Бордо, кај добри учители. Наместо мнозина негови врсници, кои од училиштето излегле аграмотни и со омраза кон учeноста, Мишел многу сакал да чита и да пишува. Философски факултет студирал во Бордо, а Правни во Тулуза. Во Бордо бил судски советник 15 години.

Таму се зближил со својот врсник **Етјен де ла Боеси** (1530-1563), автор на бележитата политичка "**Расправа за доброволното ропство**", остар текст против тираниите, кои ги окупираат и притискаат слободните граѓани. Овој текст е објавен постхумно и бил многу актуелен во Француската револуција. За врската со младо умрениот колега Монтењ ќе напише есеј за *пријателството*, во кој кажува дека биле блиски "...затоа што тој беше тој и затоа што јас бев јас".

Судското неправедливо и репресивно искуство не му било пријатно на Монтењ како чувствителна и хумана личност: "Видов многу пресуди кои беа потешки од самото злосторство". Откако го наследил татко му, се повлекол на имотот Монтењ да живее во невртка и да размислува. На дрвените греди во својата прочуена библиотека, на кои биле запишани мудри изреки, дал да се вреже и текстот: "Во 1571 година, во триесет и осмата година од животот, Мишел де Монтењ, кому одамна му здодеало робувањето во судот и на јавните должности, уште во полна сила, се повлекува да се одмори во прегратките на учените Музи, во тишина и сигурност; тука ќе си ги мине деновите кои уште има да ги поживее".

Во таа библиотека ќе настанат “**Есеите**“, едно од најпрочуените дела на европската литература и етика. Монтењ не живее самотнички, провинцијално, туку отворено и дружељубиво, во духот на Ренесансата, се состанува со луѓе, дискутира и се забавува. Но поголемиот дел од времето го минува во *библиотеката*, каде што никој нема пристап освен него. Во тој простор тој е “апсолутен господар“, со уживање се посветува на читањето, вели дека книгите го примаат “секогаш со исто ведро лице“, ги бркаат од него тешките мисли и му ги ублажуваат болките. Во таа идеална просторија за него Монтењ ги минува деновите, размислува, чита, оди горе-долу, ги бележи мислите. Резултат на тоа се “Огледите“, чии два тома ги објавил во 1580 година.

Обид, оглед, **есеј** е големиот збор на епохата. Тогаш почнало да се верува во човечкото лично *искуство*, секој треба слободно да си го проживее животот. Животот бара од нас да му се радуваме, но и сериозно да се однесуваме кон него. Есеите се *обиди* на човекот да сознае нешто или да искаже нешто. Тие имаат *слободна форма*, како што е слободен и духот на личноста која ги презема интелектуалните зафати. По поезијата, прозата, драмата и научниот дискурс (и разните други поетски и прозни изразни форми), есеите се *нов литературен жанр*, создаден во времињата на експериментите (како форма и име нив прв ќе ги користи исто така и **Френсис Бекон**, 1561-1626). Есеите се најповеќе поврзани со моралната сфера, затоа што **убаво служат за изложување на етичките концепции**, за тие да се претставаат, разјаснат, споредат, да бидат кажани со блага воздржаност за нивната апсолутност, но и со сила на личната увереност. Зборот “есеј“, што го создаде Монтењ, е **идеален** за овој вид творечка експресија и оттогаш е прифатен и е популарен во целиот културен свет, масовно се користи во образованието, а служи и за искажување на најзначајни и најинтимни сознанија.

Кон вредноста на мислата на Монтењ даде придонес и неговиот благ *скептицизам*. Ренесансата го отфрли сколастичкиот догматизам, бараше отворање на сетилата за реалноста околу луѓето и на умот за сите големи човечки достигања, за старите и за новите, за тукашните и за далечните. Заедно со древните историски дела и класичната литература, откриени се и нови светови и нови морски и трговски патишта, продукцијата во тоа време блесна со висок сјај. Но, имаше и критичари на состојбите. Во пресвртните времиња, како духовна тенденција се јавува скептицизмот (кој беше најсилен кај философите кои го придружуваа Александар Македонски во неговите светски освојувања - како **Пирон**, 360-270 пред н.е, и др.). Сомнежот е *интелектуален предизвик* пред неизвесностите, но и наспроти закоравениот догматизам и бурните промени, особено ако во животот има и негативни човечки стремежи, придружени со фанатизам и верски прогони, со повредување на луѓе и морални злосторства. Тогаш скептицизмот е нужен придружен фактор на живеењето на интелектуалецот. Во новата епоха тоа никој не го изрази така префинето и успешно како Мишел де Монтењ. Тој ја создаде прочуената изрека **Que sais-je?** - *Што знам*?, како постојан потсетник за нужната духовна скромност и за неопходното духовно возвишување (таа изрека е лого на најпознатата научна серии на современата ера - едиција од илјадници стручни книги на Универзитетското книгоиздателство на Франција).

Делото на Монтењ е **најзначајниот придонес на Франција кон Ренесансата**, со него се отвора идната капитална духовна улога на Франција во Европа и во светот. Монтењ не е само корифеј на француските животни идеи, туку мајстор на светската етика. Погледите од “Есеите“ се градбен материјал за натамошните животни и етички вредности на сето човештво. За тоа небаре

беше свесен и Монтењ. По објавувањето на “Есеите“, тој оди две години на социјално-здравствен туризам низ Европа, не само за да си го лекува каменот во бубрегот, туку и за да ја избегне најтешката верска и граѓанска војна во Франција. Ги запознава другите земји и народи, а “острењето на својот ум од умот на другите“ го препорачува како прекрасен образовен и културен акт. Тој е **космополит**, се чувствува “граѓанин на светот“, близок со сите луѓе и народи: “Јас сите луѓе ги сметам за свои сонародници и еден Полјак го сакам исто колку и еден Французин, ставајќи ја универзалната и општата врска пред националната“. И покрај болките, Монтењ се движел низ Европа со расположба, заинтересиран да види, чуе и сознае сé.

Од 1581-1584 година Монтењ бил градоначалник на Бордо, кога и во тешки времиња, со многу судири и со епидемија на чума, знаел да се снајде и, благодарејќи на мудроста, да си ги сочува спокојството и духот. Забележано е дека бил искрен човек, противник на секое насилство, дека не влегувал во клики, дека бил многу учен и упатен во проблемите, дека секој од него можеле да научи многу. Последните години, пред да почине во 1592 година, ги минал во својата библиотека, редактирајќи ги и проширувајќи ги “Есеите“.

Оттогаш “ Есеите“ се **етичка читанка на човештвото**. Во нив Монтењ дава вредни мисли за животот и моралот, напоредно со пораките за тие прашања од сите времиња, особено од Антиката. Се чини дека тој не пишува само за етички теми. Еден од најпознатите огледи е посветен на *воспитувањето* на децата (а тоа, впрочем, е една од најзначајните етички задачи на родителите и на човештвото). Овој есеј и денес се цитира и следи, дури и откако за 4 столетија речиси сé во животот е изменето, посебно во содржината и во методите на образованието. Детето не треба да биде “полнето“ со сознанија, тоа не треба да стане “магаре натоварено со книги“, ниту да му се даваат знаења кои нема да му користат во животот, туку мора да се изградува за “сопствената наученост и движење“. Методите не смеат да бидат груби, за децата да не го замразат учењето и ученото. Монтењ пледира кај децата да се развива целата личност - **духот, телото и моралниот лик**. Она што го учи детето, тоа потоа ќе го прави во животот.

Сите есеи на Монтењ не се етички според тематиката, но се етички во духот. Тие се насочени кон **етичката цел да се објасни животот и да се дадат насоки за добро живеење**. Монтењ размислува за три теми: за прочитаното во книгите, за животот на другите и за самиот себе и своите доживувања. Тој кажува дека прибира отсекаде, но го дава *својот поглед*, како пчелите што берат од разни цвеќиња, а создаваат мед како нешто ново, најубаво. Луѓето понудуваат прекрасен материјал за набљудување со своите намери и постапки, идеи и аргументи. Монтењ ќе каже дека ни “животот на Цезар не е подобар пример отколку нашиот живот“. Тој хуманистички смета дека секој човек во себе ја содржи “сета форма на човечката природа“. Со тоа ја воведува најважната страна на својот пристап - **самонабљудувањето**. Монтењ е пронаоѓач-промотор на овој денес основен метод во психологијата и во литературата: “Сите гледаат пред себе, јас гледам во себе“. За секоја тема, тој го искажува својот став, опишува како кај него се одразил тој проблем, што нему му е важно - и како тој смета дека прашањето треба да биде разгледувано и решавано. Затоа кај Монтењ секој може да се пронајде себеси и да најде инспирација за својот животен пат.

Решението за своето постапување Монтењ најнапред ќе го побара и најде во **здравиот разум**, во силата на човекот да сознава правилно и да разликува помеѓу доброто и злото (ова ќе стане основа за неколку подоцнежни

философски и етички школи). Тоа е *граѓанскиот* дух на Монтењ, кој нему ќе му обезбеди континуирано влијание во образованието и во културата, во литературата и во етиката. Човекот мора да се соочи со светот и со луѓето околу себе, реализмот на живеењето е прв човеков факт, но тој мора да ја согледува и својата психа и да размислува како ќе одговори на предизвиците. Човекот треба да стане **мудрец**, мора да се обиде да стане духовно и животно умен и да знае што прави. Тој мора да биде посилен во душата, да ја зацврсне волјата, да загосподари со неа (едно време Монтењ ќе ја пофалува и аскезата, воздржаноста од животните наслади). Човекот треба да се подготви и за болка и за смрт - дури, според Монтењ, животната мудрост и значи да научиме да умреме, т.е. да се подготвиме за умирачката, која е неизбежна судбина. Монтењ го фали Сенека, кој учи дека треба да одиме со судбината, за таа да не нé влече.

Затоа за Монтењ во философијата не се најважни учењето за битието и сличните општи вистини, туку откривањето на **вештината на живеењето**. Живеењето има вредност самото по себе, тоа е цел по себе. Животот треба да го искористиме и од него да земеме толку среќа колку што може да освоиме со оглед на околностите во коишто живееме. **Во животот треба да се радуваме, но истовремено треба и сериозно да го примаме и да го водиме**.

Мишел де Монтењ понудува низа практични совети за луѓето како да живеат добро и пријатно. Од неговите "Есеи" секој може да научи како својот живот да го направи поинтересен, поубав, подобар. Некои истакнуваат дека оној кој се придржува кон неговата животна мудрост, живеењето може да си го продолжи за 15-20 години. Етичарите и писателите со воодушевување зборуваат за Монтењ. На гробот на еден негов верен француски следбеник од пред стотина години (умрел во 88-та година) е напишано: "Живееше за да прави добро, а на добродетелта го воспитуваа Есеите од Монтењ".

**Етички мисли од Мишел де Монтењ**

"Ние сме луди - ако животот ни минал во невртка, велиме дека денеска ништо не сме неправиле. Да се живее, тоа не е само нашиот основен, туку и најважен ангажман. Некој ќе каже: Јас би покажал што можев да сторам ако се најдев во ситуација да направам големо дело. - Ако сте размислувале за својот живот и сте знаеле да го водите, сте направиле најголемо од сите дела."

"Вистинското огледало за нашето расудување се нашиот живот и неговиот тек."

"Сметам дека подеднакво не чини човекот да биде против природните задоволства, како и тие да му прираснат за срцето. Царот Ксеркс бил будала што, обземен од сите можни страсти, давал награда за оној кој ќе му пронајде ново уживање. Не е помалку нетокму и оној кој ги отфрла уживањата што му ги дава природата."

"Мудрецот треба својата душа да ја повлече во себе, далеку од толпата, и таа да биде слободна и способна да размислува за нештата; но, со надворешното однесување мора во целост да се придржува кон усвоените начини и форми."

# 40. Рене Декарт

## СО УМ ВО ЖИВОТ



Сите значајни философи имаат свое етичко учење. Како и другите сознајни обиди и напори на човекот, и философските истражувања се прават за да се дојде до свест што и како да се прави. Затоа кај големите мислители, кои имаат дадено најинтересни искажувања за светот и за сознанието, за човекот и за општеството, за историјата и за творештвото, најчесто се важни и етичките идеи. Така е и кај Рене Декарт, гениј на граѓанскиот духовен пристап кон светот, кој **во етиката даде прецизна концепција на личниот морал**, сообразна за новиот свет на индивидуализмот и за многустраните слободни творечки напори.

**Рене Декарт** е роден во 1596 година во благородничко семејство, но живеел типично граѓански. Се школувал во прочуениот језуитски колеж Ла Флеш, каде најдобро се учеле философија и математика. Толку го иритирал скочанетиот сколастички метод на зададени дефиниции и безбројни повторувања на истото, што од тоа научил како од здрвената форма да ја оддели живата духовна содржина. Неколку години бил инженер во разни војски по Западна Европа, во која неколку децении се водела општа војна. Откривајќи во себе оригинални идеи и определувајќи се да биде мислител, се населил во **Холандија**, која тогаш почнала да се истакнува со висок културен развој и со интелектуални слободи (со што предничи и до денес). Декарт учел без прекин, следел различни предавања и истражувал, се допишувал со најумните луѓе на светот, направил неколку брилјантни философски книги. "Научната расправа за методот како правилно да го водиме својот ум и да ја бараме вистината во науката" (1637) е **најпознато и највлијателно дело на француската и воопшто на западноевропската философија** (го преведов на македонски, како прво дело на Декарт на нашиот јазик, и го објавив во 1996 година во "Епоха" по повод 400-годишнината на Декарт).

Декарт ја создал *аналитичката геометрија*, заради што го сметаат за еден од најголемите *научници* на сите времиња. Ја испитувал и оптиката. Кралицата Кристина го поканила најпознатиот современ светски мислител во Стокхолм. Таму го напишал психолошко-етичкото дело "За страстите на душата". По неколку месеци во Шведска, настинал и умрел во 1650 година. (По едно столетие останките се пренесени и погребани во црквата Сен-Жермен-де-Пре во парискиот Латински кварт. Кога во Револуцијата е заснован Пантеон како место за погребување на духовните херои на Франција, предложено е таму да се пренесат и коските на најпознатиот француски философ Декарт - некои биле против, затоа што тој божемски внесувал смут во мислењето на луѓето; така Декарт си остана таму, каде што се берат студентите и најучените луѓе.)

Декарт е **еден од највлијателните философи на сите времиња** (*картезијанството*, така наречено според латинската варијанта на неговото презиме Картезиус - како духовен и културен стил уште ги дава своите богати плодови на строга, јасна и разлачена мисла). Исклучително е значајно неговото појдовно објаснувања дека во реалноста нештата може да бидат неизвесни и дека треба да се сомневаме сé додека не дојдеме до она што е сигурно. Тоа е и отпор против авторитетот, кој сака да се натури само со својот (неоправдан) збор. Слична идеја-мото има и англиското Кралско научно друштво Nullius in verbum - ништо не треба да се прифати само на збор, туку сé треба самите сознајно да го провериме (тоа ќе го покаже и претседателот на тоа Друштво *Исак Њутн*, 1642-1727, кој подоцна токму Декартовите сознанија ќе ги развие во најпознат нововековен научен систем).

Значи, според Декарт, сомнежот (методска скепса) треба да нé држи додека не дојдеме до *првата извесност*. Тој истакнува дека, додека се сомневам, согледувам дека токму јас самиот мислам и постојам. Најсигурен е фактот на своето постоење. Тоа го знам и тоа ме крепи, од тоа треба да поаѓам во размислувањето и во градењето на животот. Декарт тоа го искажа со ставот: **Мислам, значи постојам**, напишан на француски јазик - а не на латински (Cogito ergo sum), како што често се цитира - со што исто така се покажува дека со таквата културна ориентација се отвора духовниот свет на *граѓанството* и се инспирира суштествена критичка и творечка мисла, под чии хоризонти оттогаш ќе се движат нововековното мислење и етика. **Сé треба да започне од мене и моето постоење**. Натаму следуваат сите други факти и форми на материјалната и духовната егзистенција, кои исто така треба сестрано да ги разгледам, строго да ги потврдам и целосно да ги испитам. Вистината - целосната вистина - треба (мора) да биде модел и витален извор на нашето живеење.

Како етичко дело на Декарт, најчесто се посочува книгата "**За страстите на душата**", која има историско значење за *психологијата*, зашто покажа дека за психичките појави и процеси може и мора да се мисли научно, што по два века ќе се развие со експериментален метод (во Лајпциг и во Бостон, во Париз и во Виена). Декарт точно ги забележува и опишува душевните појави, ги регистрира, анализира и споредува, бара нивни поводи, сака да ги воспостави нужноста и законитоста на нивното јавување. Декарт тврди дека сите човекови психички акти се насочени и зависат од изборот на личноста, што значи дека намерата, доживелицата, дејствувањето и резултатите претставуваат морална целост.

Овие 212 психолошко-морални записи се популарни сé до денеска. Анализирајќи ги добрите и лошите страсти, намери, постапки и навики, Декарт покажува како низ нив се пројавуваат карактерот на личноста, смислата на човечките односи, целите и формите на човековото постапување. Во третиот дел на книгата тој непосредно расправа за низа морални феномени, какви што се почитувањето и потценувањето, благородноста, скромноста, суетата, презирот, очајувањето, љубомората, нерешителноста, храброста, зависта, гневот, срамот и бесрамноста - со што книгава стана енциклопедија на етичките доживелици и настапувања. Сите вредносни определби и морални постапки Декарт ги набљудува и со оглед на нивните етички последици. Најважното сознание е дека доброто и злото во животот зависат од моралните чувства, т.е. од човековото ориентирање и етички избор.

Меѓутоа, за големата светска етика се уште поважни Декартовите искажувања за мисловните правила и за личните етички норми. Декарт е **рационалист**, значи оној кој во разумот гледа најголема сила на човекот. Во

споменатата “**Научна расправа за методот** како правилно да го водиме својот ум и да ја бараме вистината во науката“ тој ги изложува познатите **4 правила за вистинско сознание**, со кои покажува како успевал да ја открие вистината, односно кажува што треба да се прави за да се дојде до неспорна вистина:

“Првото правило беше никогаш да не го прифатам како вистинито ниедно нешто сé додека очигледно не сум го сознал како такво, т.е. грижливо да ги избегнувам избрзувањето и предубеденоста и во моите судови да го вклучам само она што на мојот ум му се претставува толку јасно и толку разлачено што јас повеќе да немам никаков повод во него да се посомневам.

Второто - секоја од тешкотиите што ги испитував да ја поделам на онолку делови на колку што тоа е можно и колку што е неопходно за нив подобро да ги решам.

Третото - моите мисли да ги водам по ред, почнувајќи од предметите кои се најпрости и најлесно се сознаваат, за постапно, како по скали, да стигнам до познавањето на најсложените нешта, и дури претпоставувајќи ред и помеѓу оние предмети коишто едни на други не си претходат природно.

И последното правило - насекаде да правам така целосни набројувања и така општи прегледи, за потполно да бидам сигурен дека ништо не сум пропуштил.“

Ова се можеби најзначајните зборови на модерната европска философија. Овие правила на сознавањето и мислењето лежат во основата на сета современа методологија и теорија на сознанието, тие се база за науката и за философскиот развиток, за правилната ориентација на духот и за индивидуалната етика.

Истовремено, во “Научната расправа за методот“ Декарт приведува и **4 морални правила**, како начела кон кои тој се придржувал во животот и кои го воделе по правиот пат:

“Првото беше да се покорувам на законите и обичаите на својата земја, секогаш следејќи ја религијата во којашто, според милоста Божја, бев воспитуван уште од детството, а во сé друго раководејќи се според сфаќањата кои се најумерени и најдалеку од секое претерување, општоприфатени во практиката и од најразбраните меѓу луѓето со коишто требаше да живеам...

Моето второ правило беше да бидам колку што е можно поцврст и порешителен во своите дејства и, доколку еднаш сум донел решение за нив, непоколебливо да ги следам и најсомнителните ставови, небаре тие се апсолутно сигурни: во тоа се угледував на патниците загубени во некоја шума, кои не смеаат да се вртат одејќи де на една де на друга страна, а уште помалку да останат на едно место, туку мораат без престанок да чекорат директно во иста насока и воопшто да не ја менуваат поради некои слаби причини... Сепак најпосле некаде ќе излезат...

Моето трето правило беше секогаш да се стремам повеќе да се победувам себеси одошто судбината и да си ги менувам желбите, а не воспоставениот поредок во светот и, воопшто, да се навикнам да верувам дека освен нашите мисли ништо не зависи во целост од нас...

Најпосле, како заклучок на овој морал, се обидов да направам преглед на различните занимања на луѓето во овој живот, за да се потрудам да го изберам најдоброто; не сакајќи да кажам што и да е за професиите на другите луѓе, сметав дека е најдобро да го продолжам ова исто занимање во коешто се најдов, т.е. сиот живот да го посветам на усовршувањето на својот ум и колку-годе можам да напредувам во сознавањето на вистината, следејќи го методот што себе си го пропишав...“

Таква е **реалната етика** на Рене Декарт. Неговата постапка е интересна и мошне значајна. Со неа се доаѓа до здрави етички принципи и тој покажува како тие треба консеквентно да се следат. Од тоа ќе произлезат најдобри етички ставови и последици за личноста. Тоа е една одлична граѓанска теорија и практика на моралот, какви што се стандардизирани во нашата цивилизација.

Ставовите на Декарт не се опортунистички, иако значат приспособување кон движечките животни тенденции и правила. Кога ја опишува својата етичка размисла и потрага, Декарт јасно укажува дека не бара само спокојство, истакнува дека мора да дејствува и дека не може да остане засолнат чекајќи да ги реши сознајните проблеми (поради тоа треба да се следат добрите морални стандарди и поуки на умните и мудрите луѓе). Настојчивоста за сознание, кај Декарт, суштествено значи и етички ангажман. Впрочем, првата цел на Декарт била да создаде едно *универзално етичко дело*, со наслов “Проект за една општа наука која може нашата природа да ја воздигне до највисокиот степен на совршенство“, што многу асоцира на стоичката етика. По укажувањето на неговиот верен пријател **Марен Мерсен** (1588-1648) да не се залетува по скандалозното судење на Галилео Галилеј и да не предизвикува одмазди од духовните противници, Декарт малку го спуштил гласот, но останал интелектуално и морално чесен кон себе, како што тоа им го препорачувал на сите да бидат такви кон себе. Зашто, дури откако ќе ја најдеме вистината, ќе се зацврстат и нашата свест и самосвест; дотогаш ни останува само тлеење во несигурноста, која не е посакувана човечка положба.

Доброто сознание води кон највисоката доблест, во вид на самосознание, како единство на природата, Бог, општествените норми и единката. Резултат е задоволена совест, како цел на изградената личност.

Од тој спој на сознавањето и етичноста, во етиката на Декарт ќе изникне понуда на еден вид категорички императив: **Сознај, за да бидеш човек!** Дополна на ова е каузалниот став: **Колку што ќе сознаеш, толку ќе бидеш доблесен!**

Во едно писмо, за изнесените етички правила Декарт пишува дека "тие овозможуваат секој да води вистинска сметка за себе самиот". Тоа е смислата на граѓанската етика - секој да се труди да сознае, да дојде до вистинско знаење и така правилно да постапува и да си го гради животот.

Тоа се философските и етички погледи на Декарт, за кои тој инсистира дека се базични за животот на секого. Во оваа суштествена модерна европска етика се вградени никулците на сите подоцнежни значајни етички теории - рационализмот и утилитаризмот, добро сфатениот егоизам и позитивизмот, етиката на должноста и етиката на добродетелта, прагматизмот и индивидуализмот.

Декартовата философија ја развија многу мислители. Најпознатите се **Блез Паскал** (1623-1662), блескав математичар, теолошки рационалист, поетски мистик и голем хуманист, најпознат претставник на една струја која особено беше развиена во Париз - *јансенизам*, **Барух Спиноза** (1632-1677), кој изгради особена, врвна мисловна конструкција на философија и етика, и **Готфрид Вилхелм Лајбниц** (1646-1716), голем германски философ и математичар, творец на систем од ситни духовни частички-монади од кои е составен светот, голем политичар кој се застапуваше за *Обединета Европа*.

Покрај овие најголеми светски мислители, Декартовите погледи во етиката ги развија на своевиден начин **Никола Малбранш** (1638-1715), свештеник, картезијанец и академик, творец на етички систем наречен *оказионализам*, фламанскиот мислител **Арнолд Гојлинкс** (1634-1669) и многу други француски мислители, кои на особен начин ја поврзуваа Божјата волја со

човечката волја како водич во моралот и така не ги погодуваа точно ставовите на Декарт. Еден необикновен мислител **Пјер Бејл** (1647-1706) ќе ја возникне Декартовата методска скепса во универзален *скептичен* поглед. кој ќе резултира со религиозна критика, борба за духовна толеранција, со став дека во барањето на вистината на човекот му е достапна само *веројатноста*. Неговиот "Историски и критички речник" (во 16 томови, од 1695) во кој се пофалува разумот е исклучителен вовед во Просветителството и во *Енциклопедијата*.

Во секој случај, влијанието на Декарт врз француската и светската култура не е само во погледите, туку и во *стилот* и во советите за *јасно и разлачено мислење*, кое го прифатија бројни творци и цели генерации, како еден од најзначајните културни ставови во современата епоха.

**Етички мисли на Рене Декарт**

“Од сите нешта на светот, најдобро распределен е разумот.“

“Слободната волја нé прави слични на Бога, создавајќи да бидеме свои сопствени господари само ако заради подмолноста не ги загубиме правата што таа ни ги дава.“

“Доброто воспитување многу помага во исправањето на недостатоците кои потекнуваат од раѓањето.“

“Мудроста е корисна ако нé учи, вешто раководејќи се себеси, да ги намалуваме неволјите од страстите, да го направиме животот поднослив и да научиме од страстите дури да извлекуваме радост.“

# 41. Ларошфуко

## КРАТКО И ЈАСНО



Во етиката често препораките се куси, нормите се кажуваат со збиени зборови, а вредностите се изразуваат со по еден збор. Сепак не е сé во етиката толку јасно, треба многу објаснување, понекогаш и долги расправии за некоја постапка или неубаво однесување, иако пристојноста и добрите дела не бараат многу пофалби, туку само разбирање, тие самите си ја кажуваат својата валидност во очите на луѓето, а добрите луѓе главно се скромни, па не треба многу дискусии околу нивното доблесно поведение. Но, етичките трудови само понекогаш се куси, почесто се огромни, моралните дискурси како вид филозофски размислувања, зафаќаат и по неколку томови, небаре добрината бара да биде објаснувана нашироко (иако неколку најголеми етичари од старите времиња дури не оставаа ниеден напишан ред, на нивните врсници и ученици им беа доволни само нивните совети и поуката од нивното однесување).

Сепак, една огромна област на етичкото подучување се потпира врз куси мудри изјави, небаре врз самото **јадро на етичкото сознание**, за кое е достатно да биде оцртано со неколку зборови и да им остави на читателите или на учениците во моралот да размислуваат и самите да се доберат до смислата на кажаното, а исто така и до она што е зад, под или над тоа, за мислата да биде украсена со поголемо етичко и човечко значење. Во Антиката имаше такви **7 етички мудреци** (за кои пишуваме на почетокот на книгата, во текстот за Питагора, кој беше еден од нив), а во тоа време постоеше и едно општество кое инсистираше на строгиот морал, но не се расфрлаше со зборовите, па идеите од Спарта-Лакедемон беа нарекувани **лаконски** изреки, нешто кажано кусо и мошне збиено. На пример, мајката му порачува на синот да се бори храбро во војната. но не оди по него и не го уверува или плаче, па не може да се раздели, туку само му вели: "Со штитот или на него!" Тоа значи: да се бориш добро за да не ти го земат штитот и да не избегаш а големиот штит да го фрлиш; или, ако загинеш достојно, твоите другари ќе те донесат дома на тој голем спартански штит.

Такви јадровити мисли има кај сите етичари. Личат на народните поговорки. И во оваа книга за секој обработуван автор приведуваме по некоја мисла со која се дообјаснува концепцијата. Кај мнозинството автори етичките сознанија, пораки или норми се кажуваат сепак со обемни текстови, за така да биде поразбирлива сложената етика и нејзините заплеткани идеи и цели. Сепак, постојат етички мислители и писатели кои се изразуваат кусо и збиено, во форма на **етички афоризми**. Со тоа се постигнува двоен резултат - директно се изложува етичкиот став за некое прашање, без многу заобиколување, и - може

да се раскажува за многу морални теми, кои инаку, во систематизиран обемен текст, или не би дошле на ред или би внеле збрка во етичките објаснувања.

Во секоја епоха има такви етички афористичари, во секој народ има многу народни етички изреки. Тоа е убав пат да се дојде до важни и интересни морални сознанија и поуки. Може многу да се научи. Но, кој е најдобриот етичар со ваквите **кондензирани етички сознанија**? *Лао Це* целата етика ја изложи во 80-тина поетски строфи. Од Епиктет се запишани куси специјални книшки... Постојат безброј етички афористичари, но еден се истакнува со својата сеопфатност, духовитост, ироничност и морална сила. Тој уште е актуелен, го читаат и цитираат многу луѓе, помлади и постари, жени и мажи, учени и приучени. Неговите етички мисли не се само кратки, туку и јасни, и интересни, па предничат во големиот збир од различни мудри поуки. Тоа е францускиот моралист Ларошфуко.

Франсоа, војвода од **Ларошфуко** (1613-1680) бил активна личност во високите француски кругови. Учествувал во разни заговори, какви имало во таа епоха, но бил ранет и се примирил, прифаќајќи кралска заштита. За возврат се зафатил да напише мемоари. Бил пријател со многу познати жени, вистински козер, па го сакале неговото друштво. Сознанијата, кои се врзуваат за неговото животно искуство и за познанството со најинтересните личности на францускиот двор, ги објави во анонимнотод дело "Сеќавања или **Изреки и морални максими**" (1664). Потоа со отворено име даде неколку редактирани изданија на ова дело (дотерувајќи ги мислите и зголемувајќи го нивниот број од 317 до 562). Делото му обезбеди име на **најпопуларен моралист**. Стилот и јасноста, заедно со дрскоста на кажаното, му помогнаа да изложи многу постапки и карактери и да објасни различни човечки намери и поведенија, специфични не само за неговата епоха, но и потрајни,

Велел дека "љубовта кон себеси" е универзален двигател на нашето однесување. Самото место што човекот го зазема во животот и општеството има малку врска со неговите желби и надежи. Некој сака ближните да го сметаат за славен и бесмртен, но тие не го забележуваат и се паѓа лесно во рамнодушност. Или, пак, славата може да дојде од неочекувана страна. Ларошфуко ќе каже: "Општеството почесто ги наградува привидните достоинства, одошто реалните". Ларошфуко не се престорувал дека не ламтее за почести и углед, но имал мигови на страдање, који го наведувале како умен човек да не се предава само на соништа за својата големина. Истовремено, гледајќи ги внимателно другите околу себе, можел да види како тие се занесуваат, но и како дејствуваат противречно, а често и залажувајќи се себеси и блиските за своите вистински човечки и морални цели. Таков реалистичен, а депримирачки дух, го обземаше Ларошфуко, па и покрај многуте познанства и пријателства, особено со убавите и умни жени, кои ги имаше многу во кралските дворци и во нивните палати во Париз и во Версај, сепак со своите блескави мисли ќе изразува песимистички, шокантни и апсурдни пресврти, за да ги претстави поадекватно природата на човекот, човечкото однесување, смислата на моралот и психичките основи на моралното дејствување, на кое се радуваше да му присуствува. Кај античкиот *Теофраст* велат можело да се препознаат личностите кои тој ги претставувал во "Карактерите", кај Ларошфуко ликовите кои морално се опишани се реални, но непрепознатливи. Тој не е озборувач, туку го анализира поведението на луѓето. Од повторените дејства создава слика, па заклучок, и конечно *афоризам*, кој го дотерува за во новите изданија да биде поефектен и поточен. Нека му е срам на оној кој се препознава! (да направиме

парафраза на прочуената кралска изјава по повод англискиот орден на жартиерата) - Ларошфуко пишува етика, а не вицови и трачеви.

Поради тоа уште повеќе погодуваат, и повредуваат, неговите максими. Станува збор за човечката природа, не за единични случаи (ако и ги има, тие се само земени како пример за генерализирање). Кај Ларошфуко сретнуваме една трагична нотка на жалење што луѓето се алчни, слаби, пресвртливи, бараат одмазда, не внимаваат на однесувањето. И не водат сметка за нештата кои ги кажува Ларошфуко (и кои се говореле по салоните, или кои ги кажувале други мислители и афористичари од тоа време) за да запомнат, да гледаат што прават, да не бидат бедни човечки примероци кои предизвикуваат насмевка, срамење и озлоеденост. Зашто Ларошфуко е генијален психолог на човечката реалност, која често се изразува преку лошите дела и пресвртните карактери. Всушност, Ларошфуко е **учител на моралот**, кој, како Езоп, е лут поради лошото однесување на луѓето.

Пред "Максимите" Ларошфуко го стави познатото *мото*: "Нашите добродетели се најчесто само прикриени пороци". Веднаш е јасно дека тука нема да има само морални поуки, туку и остро испитување на постапките и дрски себепреиспитувања, записи за животните цели и промашувања и понекоја информација за смислата на моралот и на живеењето. Авторот вели разочарано: "Ништо не се сретнува толку ретко колку вистинска добрина; оние кои мислат дека ја имаат, обично се само љубезни или душевно кревки". И "добродетелта не би била толку развиена ако не е придружувана од суетата". Исто така: "Често правам добро, за да би можел неказнето да правам зло"; "Желбата да заслужиме да ни даваат пофалби ја засилува нашата добродетел"; "Не ги презираме оние кои имаат пороци, а ги презираме оние кои немаат ниедна добродетел"; "Совршена доблест е човек да го прави без сведоци она што би го правел пред сите луѓе".

За своето антрополошко интересирање за луѓето Ларошфуко вели: "Полесно е да се сознае што е воопшто човекот, одошто да сознаете што е одделниот човек". Човекот сака да биде сакан, затоа стои: "Светот се состои само од маски". Ларошфуко се подигрува и со религијата како морален извор: "За да го казни човекот за првичниот грев, Бог заповедил човекот своето самољубие да го воздигне до идол, па така се мачи при сѐ што прави во животот". За егоизмот се карактеристични суетата и честољубивоста. Дури и нашите доброчинства се прикриен *егоизам*, кој ги задоволува малите интереси за да ги прикрие или освои поголемите. Горделивоста е човеков придружник низ целиот живот - тој се жали на суетата на другите, а својата ја истакнува во прв план: "Човекот зборува малку кога суетата не го поттикнува да говори".

Интересите се, според Ларошфуко, прв двигател на човекот: "Интересот ги раздвижува сите добродетели и сите пороци"; "Интересот ги зборува сите јазици и игра секакви улоги, дури и таа на претворање дека немаме интерес". Како заклучок акцентира: "Често би почувствувале срам за нашите најубави постапки, ако друштвото ги дознаеше сите мотиви кои ги предизвикале". Поучна е максимата: "Милосрдноста, која ја сметаат за добродетел, се пројавува не ретко од суета, понекогаш од мрзеливост, често поради страв, а речиси секогаш поради сите три причини заедно".

За страстите во Франција многу се зборува, па не заостанува ни Ларошфуко: "Страста често и најумниот го прави глупав, како и најглупавиот умен"; "Страстите се единствените беседници кои можат секого да го уверат"; "Страстите се раѓаат непрестајно во човечкото срце, така што загубувањето на едната страст речиси секогаш се надоместува со друга". И подучува: "Страстите вклучуваат толку неправичност и личен интерес, што е опасно да ги следиме или

да им се довеируваме, дури и кога изгледаат најразумни". Или: "Умот не во состојба долго да ја игра ролјата на срцето". Денес, во времето на феминизмот, повеќе не се раскажуваат со силен глас лошите оценки за жените. Но тоа беше време на вистинска власт на жените во дворците и во салоните, па Ларошфуко природно искажува многу максими за нив. Еве една: "Чесната жена е тајна сокровишница; кој си ја нашол, подобро да не се фали со тоа".

И за политичките нешта има многу записи: "Големите и блескави дела, кои ги заслепуваат нашите очи, политичарите ги претставуваат како последици од достојни планови, а обично се резултат од случајни настроенија и од страстите". И за крај: "Милоста на императорите често е само политика за да ја освои љубовта од народот".

Потсетуваме на светски прочуената реч на големиот математичар, физичар и филозоф **Блез Паскал** (1623-1662) од неговите "Мисли": "Човекот е само трска, најслабо суштество во природата, но трска која мисли". Во времето на Ларошфуко во Франција дејствувале и **Жан Лафонтен** (1621-1695), поет со општествени врски, чии "Басни" (во 12 книги, 1668-1694) се здобија со светска слава, достигнувајќи го угледот на античкиот **Езоп**, иако без толку нагласени морални ставови, но мошне елегантно напишани, и **Жан Лабриер** (1645-1684), кој објави превод на "Карактерите" (1688) од античкиот Теофраст, придружени со негови коментари и детални моралистички и духовити записи за својата епоха и за луѓето во неа; потсетуваме на една Лабриерова важна поука: "Не чекајте да бидете среќни за да се смеете, зашто може да умрете а никогаш да не се насмеете (секоја насмевка, велат современите психолози, го продолжува животот за 20 минути). **Лик Вовнарг** (1715-1747), охрабрен од Волтер, ја напушти офицерската служба и стана писател, кој, наспроти Ларошфуко и неговата скепса и иронија, изразуваше доверба во луѓето и во доблеста на нивните чувства. Уште многу други моралисти дадоа мошне интересни и значајни етички поуки.

Нема да го оставиме Ларошфуко сам, туку ќе му придружиме неколку бележити *моралисти*, чии афоризми се исто така познати и популарни во светот. Уште од античкиот Рим остана збирка од 800 изреки, прибрани од драмските дела на еден дојденец од Сирија - **Публилиј Сир** (II век н.е.): "Пострашно е секое зло кое се крие под површината"; "Умниот потешко поднесува да го презираат отколку глупавиот да го тепаат"; "Кое суштество е најголем непријател за човекот? - Друг човек"; "Кога нешто преземаш, мисли до каде ќе стасаш"; "Важно е каков си, а не каков мислиш дека си". Вележепниот сликар, естетичар и инженер **Леонардо да Винчи** (1452-1519) има оставено збирка морални изреки: "Долг е животот кој добро е потрошен"; "Од гнев ја ранил сликата на својот Бог; замисли само да го нашол Него"; "Кртицата има мошне ситни очи и постојано е под земја и живее толку колку што се крие; штом ќе излезе на виделина, веднаш страда, бидејќи ќе ја забележат. Исто така е и со *лагата*"; "Пријателот прекори го насамо, а пофали го јавно"; "Од ништо не треба човек да се плаши толку колку од лош глас"; "Кој не го казнува злото, заповедува да се прави"; "Кој мисли малку, греши многу"; "Кој сака да се збогати за еден ден, ќе го обесат за една година"; "Кој не го почитува животот, не го заслужува" (многу поучна *биоетичка* поговорка).

Големиот англиски филозоф **Френсис Бекон** (1561-1626), покрај значајните дела за сознанието и методологијата, има направено мошне поучна книга со морални есеи, како и збирка од морални записи за случувањата на познатите личности (*апофтегми*): "Драматичарот Еврипид зборувал за убавите личности кои имаат доста години: Во најубавите тела не е само пролетта убава,

туку и есента"; "Солон го споредувал народот со морето, а беседниците и политичарите со ветровите - затоа што морето би било тивко и мирно доколку ветровите не креваат бура"; "Во староста најдобро се манифестираат четири нешта: стари дрва за горење, старо вино за пиење, стари пријатели за човек да се потпре врз нив и стари писатели да се читаат"; "Нерон имал љубовник, кого го нарекувал своја сопруга; некој сенатор тивко рекол на другиот: Штета што таткото на Нерон немал таква жена"; "На Филип Македонски му рекле да избрка некој човек кој за него зборувал грдо; Филип кажал: Подобро е да нé озборува тука, каде што нé познаваат, туку кај другите, кои не знаат ништо за нас"; "Го прашале некој филозоф по што умниот се разликува од будалата; овој одговорил: Испратете ги двајцата голи кај оние што не ги познаваат, па ќе видите". Шпанецот **Балтазар Грацијан** (1601-1658), језуит, наставник, има напишано повеќе книги: морален трактат "Херој" за идеалниот водач, политички портрет на кралот Фердинанд, "Разумниот" за квалитетите кои треба да ги има рационалната личност - делови од овие книги, 300 максими, ги присобрал во една целост "Животна мудрост" (1647). Секој пример има концизен наслов-изрека и уште објаснувачки текст: "Не говори за себеси", "Не откривај ги своите слабости", "Прави разлика помеѓу човекот кој работи и оној кој само зборува", "Своите дела не ги давај да ги гледаат додека се завршени само половина", "Не влегувај во ризична битка со оној кој нема што да загуби", "Смири си ги страстите", "Помагај си сам", "Не се сврзувај со глупаци"; "Планирај си го животот рационално", "Следи си ја упорно целта".

Германскиот математичар и физичар **Георг Кристоф Лихтенберг** (1742-1799), универзитетски професор, академик, денес е познат не според своите научни дела, туку според 1.300 афоризми: "Дури и најумните не знаат со сигурност каков треба да биде човекот, а за тоа каков е, може да научиме по нешто од секој човек"; "За да пишуваш трогателно потребно е нешто повеќе од солзи и Месечева светлина"; "Како сме сврзани со околниот свет - со разумот или со срцето?" (многу важно за *еколошката* етика); "Постојат 4 морални начела: 1) *философско*: Прави добро поради самото добро, од почитување на моралниот закон; 2) *религиско*: Прави добро затоа што таква е волјата Божја, од љубов кон Бога; 3) *човечко*: Прави добро, затоа што тоа го бара твојата среќа, од самољубиви причини; 4) *политичко*: Прави добро затоа што тоа го бара користа на општеството чиј си член, од љубов за општеството и за себеси во него... Зар тоа не е ист принцип, погледнат од различни страни?!" Од бележитиот философ **Артур Шопенхауер** (1788-1860), покрај книгите за волјата и објаснувањето на потеклото на моралот, при што тој се потпре и врз идеите од тукушто објавените преводи на индиските мислители, инаку бранител на *песимизмот*, се објавуваат две книшки со моралистички поуки. Од "Паренези и максими" приведуваме: "Да ги ограничиме нашите желби, да ги смириме нашите барања, да го совладаме својот гнев, да имаме предвид дека секој може да постигне само еден мал дел од она што заслужува да биде посакувано, а, напротив, секого мораат да го снајдат безбројни лоши нешта... тоа е правилото за кое мора да водиме сметка ако не сакаме и при богатството и при силата да не ја почувствуваме својата бедотија"; "Луѓето се слични на децата, стануваат непристојни ако ги разгалиме; затоа не треба никому премногу да му попуштаме и да бидеме љубезни". Во книгата "За животната мудрост" стои: "Човекот со голем внатрешен свет ќе се стреми пред сé кон отсуство на болка и на гнев, потоа кон спокојство и невртка, т.е. ќе избере тивок, скромен живот, според можноста без вознемирување, па затоа, по запознавање со луѓето, ќе избегнува контакти, а при поголема памет, ќе побара дури и осаменост".

Најголемиот романсиер **Лав Толстој** (1828-1910), по своите бројни и светски успешни книги, се сврте кон развивање на етиката (за тоа пишуваме во посебен текст). Почна да собира етички мисли и поуки од целиот свет, така создавајќи основи за Универзалната етика. Еве неколку мисли од делото со изреки "Пат во живот": "Ако сакаш да си слободен, научи се да се воздржуваш од своите желби"; "Човекот кој не работи би писнал од болка кога во мускулите би ја почувствувал болката која лесно ја поднесува оној кој работи"; "Земјата е наша општа мајка" (убав лозунг за *Денот на Планетата* на ОУН 22 април); "Задоволствата на богатите се создаваат со солзите на сиромашните"; "Ние немаме никакво право да бидеме незадоволни со овој живот. Ако сме незадоволни, тоа само значи дека имаме причина да не бидеме задоволни со себе самите".

**Македонски поговорки** собираа разни етнолози и научници. Еве неколку етички кои ги има запишано **Марко Цепенков** (1829-1920): "Пријатело е повреден од брат"; "Доброто се припознаат од арните луѓе"; "Суа рака кај фати, се́ ќе исуши"; "Од мрза гладен си легнуа"; "Кој му мисли другому лошо, лошото оди по него"; "Честа чес донесуат"; "Чоек чоеку е ангел и ѓавол"; "Кај што треба мотика, не треба молитва"; "Добрата работа човека обогатуа"; "Којшто на младос дење преспива, на старос ќе гладуа"; "Којшто чини добро, не ќе најдит лошо".

Така учат поговорките и бројните афоризми. Луѓето ги слушаат и знаат, понекогаш водат сметка за нив, но дали смееме да кажеме, се чини дека повеќе ги задржуваат во сеќавањето како културна информација отколку како морална поука, која треба да се следи.

**Етички мисли од Ларушфуко**

"Ништо не даваме така лесно колку нашите совети."

"Сите имаме доволно сила да ги поднесеме несреќите на другите."

"На другите им признаваме здрав разум само ако го споделуваат нашето мислење."

"Старите раскажуваат за добри обрасци, за да се утешат дека не можат повеќе да даваат лоши примери."

# 42. Џон Лок
# МОРАЛОТ СЕ ИЗГРАДУВА СО ИСКУСТВОТО



Новиот сознаен метод може да стане извор и за нови етички и други практични сознанија. Влијанието на тие методи трае со векови врз разни мислители и области на творештвото, а може да им бидат блиски на мнозинството луѓе на една нација или од една култура. Такво **влијание извршија емпиристите** врз англосаксонскиот (британскиот, северно-американскиот) начин на мислење и живеење. Од нив, најголемо е значењето на Џон Лок, мајстор на теоријата на сознанието, етиката, педагогијата и на науката за политиката.

**Џон Лок** е роден во 1632 година. Студирал на прочуениот универзитет во Оксфорд. Не му се допаднале застарените сколастички методи. Престојувал долго во Франција и во Холандија, барајќи интелектуална инспирација, а така имал и засолниште од противниците. Со своите книги поставил многу **нови идеи**, спротивни на закостенетиот поглед на светот. Неговиот "Есеј за човечкиот разум" (1689) е **најпознато дело на емпиристичката теорија и етика**. Во "Две научни расправи за власта" (1690) Лок ја изложи основата за **либералната** политичка доктрина. За етиката и политиката се мошне важни исто така неговите "Писма за толеранцијата" (1689-1692). А книгата "Мисли за воспитувањето" (1693) е едно од најзначајните **педагошки** дела на човештвото. Лок придонесе **новите погледи да станат дел од духот на луѓето** и до денеска да учествуваат во изградбата на човечкиот живот во неколку важни области - сознание, етика, образование и политика. Самиот Лок бил личност со големи доблести, но со скромна социјална положба, бил учител кај големи семејства и секретар на дипломат (кај лордот Шефтсбери, кој изгради поинакво етичко учење). Умрел во 1704 година.

Основното кај Лок е истакнувањето на **емпиризмот** (хел. *емпириа* = искуство). Според него, **сé во човечкото сознание потекнува од искуството**: "Ништо нема во умот што пред тоа не било во сетилата". Она што минало низ сетилата и искуството е извор на сето што го знаеме и за што имаме став. Тоа се однесува и на етичките сознанија и вредности. Кога ќе се роди човекот, тој е како *празна табличка* (tabula rasa). Како што заостреното стило впишувало траги врз римските восочни таблички за пишување, тоа во душата на човекот го прават осетите, доживувањата и искуството. Тие впишани впечатоци се вруток за идеите, она "што духот непосредно го гледа во себе или што е предмет на согледбата на мислите и на разумот". Идеите придоаѓаат однадвор или однатре, тие се израз на нешто објективно. **Ниедна идеја не е вродена** (дојдена заедно со нас во мигот на нашето раѓање), сите се дело на она што сме го искусиле или се продукт на нашиот дух врз тие основи. Дури ако сите луѓе мислат исто, ако имаат иста идеја за нешто, тоа не значи дека таа е вродена во сите, туку дека е здобиена со исто искуство. Некои идеи не се јавуваат кај некои луѓе - тоа значи

дека идеите настанале од искуството на оние кои имале, а другите немале такви доживувања.

Исто се случува и со моралните идеи. За нив често се инсистира дека се вродени, т.е. вечни, а тие не се идентични кај сите луѓе. Тие се *различни*, а за Лок тоа е доказ за нивното искуствено потекло. **Моралното не е во човекот вродено**, туку настанува во него како сложен процес на создавање на етички сознанија и определби. Својот став Лок го докажува со неколку етички реалности - не постои практична вистина која би важела во сите случаи, која би била општа за сите и прифаќана без никакво сомневање; нема морална норма за чија основа не би можело да се дискутира и која е неприкосновена во смисла дека кај никого не предизвикува подбивна насмевка; сите таканаречени вродени (“вечни“, “универзални“) начела и права луѓето ги прекршуваат без вознемирување, со големо внатрешно спокојство. Според Лок, доколку би имало вродени морални принципи, ова не би можело да се случува.

Ваквата неуниверзалност на етичките норми Лок ја докажува и со нов аргумент. Во таа епоха, заедно со големите трговски патувања и воени експедиции, започнале и значајни географски и антрополошки истражувања. Кај народите од другите краишта се забележани поинакви морални обичаи од европските. Лок го наведува тоа како аргумент за потекло на моралот од специфичното искуство. Вредностите и нормите секој ги гради врз сопственото искуство. (Укажуваме дека овие аргументи за диверзитетот на морални практики низ светот денес ги користиме за да ја докажеме *универзалноста на моралот*.)

Лок истакнува дека теоријата за вродените морални норми не е ни добра за луѓето. Кога тие би ги добивале етичките заповеди како подарок, нив би ги прифаќале врз основа на доверба кон авторитетите, а нормите вредат само ако етичките вредности луѓето ги пронашле самите и своеволно се определиле за нив. Значи, секој треба да ги испита начелата и основите на своите постапки: “Да се гледа со очите на другите е исто толку наопаку колку и да се сака нештата да се сознаат со туѓиот разум.“

Доследно на својата основна концепција, Лок учи дека до сите идеи, како и до морални ставови, човекот доаѓа со искуството: “Сето наше сознание се заснова врз искуството“. Искуството ги впишува своите траги врз “белиот неиспишан лист хартија“, каква е нашата свест кога сме бебиња. Осетите однадвор натрупуваат материјал за сознавањето. Истото го прави и рефлексијата, т.е. внатрешното искуство, самонабљудувањето, кое претставува дополнителен извор за сознанието. Во основата на посложеното сознание стојат 4 вида едноставни, првични идеи-претстави: некоја надворешна дразба (за боја, тон и сл.); оние кои потекнуваат од повеќе видови сетила одеднаш (и од видот и од слухот, претставата за простор и др.); основни идеи на мислењето, на волјата и на другите психички форми; претстави за надворешното и за внатрешното доживување (болка и задоволство, единство на постоењето итн.).

Од простите претстави **разумот создава сложени идеи**. Во тие спаѓа и **моралниот вредносен систем**, кој Лок го изведува консеквентно - неговата етика е едно од најдоследните морални учења создадени идентично со теоријата на сознанието. Во сознанието вистината претставува согласност на нашите идеи со постоечкото; така е слично и во моралот: “Доброто и злото, тие се само согласност или несогласност на нашите доброволни постапки со законот, врз основа на што ние врз себе навлекуваме или добри или зли последици, кои значат награда или казна“.

Механизмот на моралното Лок го претставува како законодавство и извршување на законите, а со тоа заедно оди и санкционирањето. Обврската е

клучен фактор на етичкото, санкцијата е составен дел. Лок разликува **три вида закони со морална вредност** - божествен закон, граѓански закон и закон на јавното мислење. Секој од законите делува одделно и има свој начин како ја спроведува обврзноста и како санкционира (наградува или казнува) за стореното. На ваквата поделба соодветствува разликувањето на човечките дела на должност и грев, невиност и вина, добродетелност и порок.

Божјиот закон доаѓа до нас преку природната светлина и преку откровението. Граѓанскиот закон ги изразува нормите на поведението во државата. Законот на јавното мислење е глас на моралот кој владее помеѓу луѓето во заедницата.

Бог им се открил на луѓето преку своите *пораки*, кои се запишани во светите списи, заедно со *моралните норми* во нив. За Лок, етичките норми изнесени од философите заостануваат зад етичките норми на Новиот Завет (етика на љубовта и жртвата на Исус Христос), кои претставуваат целосен кодекс на човечката моралност, насочена кон среќа на човештвото. Овие норми гарантираат општо добро, само кога луѓето би сакале да ги следат. Самиот Лок одбил да напише практична етика со образложение дека тоа веќе е направено - дека етиката како наука за начинот на живеење всушност е обликувана откако е искажано и напишано Евангелието. Според Лок, во оваа област не се можни натамошни откритија, туку само разработка на барањата поставени во Библијата.

За Лок овој извор е важен и за етичките сознанија до кои човекот доаѓа по природен пат, бидејќи со него се антиципирани идеите за моралното совршенство. Но, на многу места во неговите дела поголемо значење добива вистината откриена од умот. И Божјиот и природниот закон се важни за моралот, првиот се наоѓа во светите списи, вториот се пројавува во граѓанските закони и во јавното мислење. Бидејќи нема вродени содржини на свеста, моралот до кој доаѓаат луѓето со својот ум се однесува на сознанието на доброто и злото врз основа на искуството и човечката организација. Ова е важно особено затоа што луѓето често не ги слушаат законите, не плашејќи се од нивните санкции. Мнозина не веруваат во казните што ги навестува Господ, дури се надеваат дека конечно некако ќе се смират со Бога. Исто така, луѓето мислат дека можат да ги избегнат казните од државните закони. Затоа, според Лок, проблеснува **силата на моралните односи во заедницата** (*јавното мислење*), бидејќи никој не може да ја избегне моралната оценка од луѓето околу себе. Како што луѓето ги почитуваат оние кои постапуваат добро спрема другите, така неодобрувањето и прекорувањето од луѓето следуваат како осуда кога некој ќе ги повреди обичаите на заедницата. Тоа тешко се поднесува. Тогаш Лок инсистира дека за етичкиот став и однесување се највлијателни нормите од јавното мислење.

Кон тоа придонесува и критериумот врз основа на кој човекот ги избира своите дејства. Покрај исполнувањето на Божјата волја, единствен критериум според Лок е стремежот кон *среќа*. Природен извор за моралната оценка на луѓето е искуството за корисноста или штетноста на некоја постапка. За ова придонесува природниот закон, како општо начело и систем на нештата, од што за некое дело извира среќа, а за некое несреќа. Бидејќи краен извор на сѐ во светот е Бог, природниот закон е во согласност со Божјата волја. Откровението на моралните норми претставува само покус пат за човекот побрзо да се здобие со валидни морални принципи. Но, во моралот реално се измешани овој објективен и субјективниот начин на моралната изградба, кои заедно ја градат човековата морална позиција. **Човекот мора сам да си го изгради моралот** за да може да го вреднува своето дејствување.

Во тоа му помага **совеста**, која е ум применет врз практичните прашања. Умот е способност да се најдат, сознаат и да се протолкуваат законитостите. Нема посебен практичен ум, нема вродена совест. Совеста е само *судија на однесувањето*, која суди според законите (нормите). Значи, изградбата на разумното однесување и на совеста оди по истиот пат како и во секоја сознајна сфера. Затоа во моралот е можна извесноста, иста како и во другите видови сознание - **етичките идеи можат да се просудуваат со сигурност на математички вистини**.

За единственоста на емпиристичката концепција на Лок придонесува и неговата **педагошка** теорија. Младите се изградуваат постапно, преку сознание и свое искуство. Задачата на воспитувањето е да развие добродетелност во личноста - **добриот човек е поважен од најголемиот научник**. Воспитувањето треба да ја подготви личноста за живот во заедница, а треба да внимава и на нејзините лични својства, кои таа треба самата да ги развие врз основа на своето искуство. Најважно е императивите да се претворат во волеви импулси во личноста, она што е исправно да стане *навика* кај неа, што ќе ѝ помогне тоа да го прифати како нешто пријатно. (Овие идеи се основа на педагогијата од времето на Лок до денес - извор за развојната психологија и педагогија, како и за бројните воспитни концепции.)

Посебна етичка доблест на Лок претставува негова **либерална** политичка теорија, во која е основна **слободата на личноста** и улогата на **власта во служба на луѓето**. Тие идеи влијаеја врз најмодерните политички концепции и државни уредувања, кои ја афирмираат современата демократија (на пример, најдолготрајниот државен документ на светот Уставот на САД, е направен од Томас Џеферсон врз основа на идеите од Лок). И заложбите на Лок за верската и идејна **толеранција** се првите вакви етички искажувања во современото човештво. Тој е голем инспиратор на значајни ослободителни движења и дури на Универзалната декларација за правата на човекот на ОУН (1948). Со укажувањето на реалната изградба на моралот врз основа на искуството и со своето влијание врз политичките, педагошките и хуманистичките погледи на новите времиња, Џон Лок е **еден од најзначајните мислители и етичари на денешницата**.

**Етички мисли од Џон Лок**

“Ако човекот нема соодветни знаења, тој нема да знае што е негова должност.“

“Бидејќи големата цел на луѓето кои стапуваат во општество е својот имот да го уживаат во мир и сигурност..., првиот и основен закон на сите држави е востановување на законодавна власт; првиот и основен природен закон е сочувување на општеството и на единката во него.“

“Примерот на воспитувачот мора да го доведе детето до оние дела кои се очекуваат од него; неговите дела не смеат да противречат на неговите поуки (освен ако не сака да го подучува наопаку).“

“Никој нема право на никаков начин да му нанесува штета на некој друг со лишување од неговите граѓански достоинства или нив да ги поништува заради припаѓање на различна религија или верска практика. Сите права и слободи на човекот и на граѓанинот треба да припаѓаат како свети (неприкосновени) права.“

# 43. Барух Спиноза
## ЕДИНСТВО НА ДУХОТ И ЖИВОТОТ



Некои мислители не водат многу сметка за етиката, не пишуваат за моралните проблеми и вредности и етиката не ја ставаат на бележито место во своите системи; некои за етиката наоѓаат скромно место во своите разгледби; но некои ја воздигнуваат етиката како круна на мислењето, водејќи ја својата мисла токму кон етичките заклучоци. А кај некои сѐ што размислуваат се однесува на етиката и пишуваат само етички текстови. Тоа може да биде и философска специјализација, избор на важна област, посветување на сето свое време на моралните проблеми и усовршување за вешто образложување на етичките ставови. А некои мислители **философијата ја разбираат како етика**, својата мисла ја развиваат само како етички дискурс, односно тие смислата на постоењето ја објаснуваат како етичка карактеристика, сите видови аксиолошки хиерархии ги развиваат во етички дух, се посветуваат себеси како личности и интелектуалци на дофаќање и одбрана на целината на постоењето со соодветната етичка самосвест.

Тогаш и философијата се нарекува *етика*, како што направи можеби најголемиот философ на Новиот век Спиноза. На својата главна книга тој ѝ даде наслов "**Етика**", во неа расправата за целосната философија и светот се води низ етичка диоптрија и сите ставови се однесуваат на етиката, на моралното единство на светот и животот, на сознајното и моралното битие на човекот.

**Барух** (Бенедикт) **де Спиноза** (Спиноца) е роден во Амстердам во 1632 година во еврејско семејство доселено од Португалија пред прогонот на Инквизицијата. Исклучително интелигентен и талентиран, уште од детските години ги студирал Библијата, Талмудот, античките, еврејските и сколастичките философи.

Бил **рационалист**, припаѓал на новата струја во европската философија, зачната од Рене Декарт, која стана (покрај емпиризмот) *базична философска ориентација* во Новиот век. За рационализмот **основната сила на човекот е разумот**, **умот** (*лат.* ratio). Станува збор за "*природната светлина*" (lumen naturale) во човекот, која му помага да разбере, да сознае, да објасни, да го осмисли животот. Се отфрла сѐ што не е разумно (сетилноста, како пониска; ирационалното, како нешто вон од разумот; фанатизмите, како негирање на разумни согледби). Улогата на разумот е уште поважна ако се земе предвид дека реалноста е сложена и тешко се разбира со непосредна сетилна согледба; при тоа има и други проблеми поради несовршеноста, променливоста или субјективноста на сетилните органи на човекот. Исто така, некои мислители тврдат дека суштините не се откриваат лесно, односно дека тие се "зад реалноста", невидливи за обичните сетила, и дека можат да се разберат *само со умот*, односно само со неговата *правилна употреба*.

Рационализмот во Новиот век, чии никулци можат да се следат уште од средината на Средниот век, онака како што се развиваа човечките размисли (а рационализам имаше и во Антиката), не сака да биде т.н празна метафизика. Настојувањата на главните рационалистички мислители се **научни**. Тие се во тек со новите знаења, тие се големи познавачи и создавачи на знаењата (*Декарт* ја откри аналитичката геометрија и ја разви оптиката, *Блез Паскал* направи откритија во теоријата на веројатноста и го разви барометарот, *Лајбниц* создаде нов универзален математички јазик, како предвесник на компјутерската азбука, итн.). Рационализмот тврди дека самиот ум е најдобар инструмент и дава услови за доаѓање до вистината. Умот не треба да биде подложен на притисок, а може да овозможи ослободување од догматските погледи. Идеал на рационализмот е да се дојде до *нужни и општи* сознанија, за што е неопходно предимно или исклучиво потпирање врз разумот. Рационалистите сакаат да демонстрираат *вистинско откривање со моќта на разумот*. Така и Спиноза го поставува умот во центарот на философирањето, го истакнува како основно мисловно (човечко) орудие и апсолутно се користи со него. Тоа овозможува доследно осмислување на тешките философски прашања, создавање оригинални погледи за битието, за сознанието и за етиката, изградба на широки согледби за реалноста, отворање на нови прашања и пронаоѓање оригинални философски одговори, развивање на послободни критички ставови.

При студиите Спиноза пројавил критички став кон многу од училишните и религиозните текстови. Веќе тогаш ја истакнувал нужноста од потпирање на сазнанијата врз умот, а не врз приказните, који порано, во своите времиња, биле нужни за изнесување на верските вистини, но денес се надминати со модерната наука. Рабините (еврејските свештеници) остро реагирале на ставовите на Спиноза дека суштината на религијата е живото верување на верникот, а не слепата послушност кон догмите, и дека верските книги треба да се разберат во историска смисла, а не дословно. По неуспехот да го разубедат, во 1656 година Спиноза е **екскомунициран** од еврејската општина со **анатема**:

"Нека е проколнат дење и нека е проколнат ноќе. Нека е проколнат кога легнува и нека е проколнат кога станува. Нека е проколнат кога излегува и нека е проколнат кога се враќа дома. Господ никогаш да не му прости... Господ неговото име нека го избрише од земјата. Заповедуваме никој со него да не зборува усно, ниту да комуницира писмено, никој да не покажува милосрдие кон него, никој да не се доближува до четири стапки до него и да не живее со него под ист покрив, и никој да не чита ништо што тој ќе напише!"

Многу философи страдале и порано и оттогаш, затворани се и убивани, но никој како Спиноза на 24 години не бил дефинитивно проколнат и отфрлен од својата заедница. Обвинет е за атеизам и прогласен за еретик. Од наследството на мртвиот татко си зел само еден кревет и маса, сестра му го тужела за да му одземе сé. Живеел осамено и скромно, уверен во своите ставови и во својата морална сила да го издржи прогонството и против него настроениот фанатизам. Имал малку пријатели, а многу непријатели. На улица толпата го убила неговиот најдобар другар политичарот *Јан де Вит*. Се селел од еден во друг стан. Се издржавал со брусење на оптички леќи за микроскопи и телескопи. За да ја сочува интелектуалната и морална независност Спиноза ја одбил понудата да биде професор на прочуениот Универзитет во Хајделберг, зашто барале духовна покорност. Спиноза бил исклучуван и од христијанските заедници (протестанти и католици) заради своите пантеистички сфаќања. Му било забрането да држи слободни предавања за својата философија. Во тешки животни услови, умрел од туберкулоза во 1677 година, на 45 години.

За време на својот живот Спиноза објавил само две дела: "Принципите на философијата на Рене Декарт" (1663), во кои ги објаснува идеите на својот претходник, и "Теолошко-политички трактат" (1670), кој е издаден анонимно заради слободоумните тези и остриот критички став. Посмртно е објавено неговото најпознато дело, **едно од најзначајните философски дела** во историјата "**Етика**" со методски поднаслов "Изложена со *геометриски ред* и поделена на пет делови". Основните поставки се претставени слично на градбата на Евклидовата геометрија со аксиоми, постулати, докази, примери итн. - тој *најрационален метод,* соодветен за развивање-дедуцирање на сознанијата од основните поставки или од првите извесни сознанија, бил философски идеал и на Декарт. Декарт и Спиноза особено инсистираа на рационалноста и точноста на методот на геометријата при размислувањето и изградбата на своите сознанија и погледи. По смртта на Спиноза се објавени и неговите дела "Научна расправа за Бог, човекот и за неговата среќа", "Научна расправа за усовршувањето на човековиот разум", "Политички трактат" и др. Имал преписка со најзначајните научници на времето, кои многу го ценеле - тие писма се бележит вруток за неговите идеи и објаснувања (нашиот професор Павао Вук-Павловиќ има напишано исклучително значајна книга "Учењето на Спиноза", 1938).

Барух де Спиноза е **еден од најзначајните философи на човештвото**. Тој изгради философски систем во вид на **синтеза** на сознанијата од сите сфери на духот, при што ја истакнува позицијата на човекот како суштество со ум. Спиноза сакал за сé да размислува објективно, *непристрасно*, како совршен набљудувач, постојано истакнувал дека кон сите нешта кои му се предмет на сознанието се однесува sub specie aeternitatis (како да се вечни, трајно значајни).

Основните философски идеи на Спиноза се однесуваат на единството на светот, на суштината на супстанцијата и на нејзините појави, на суштината и на видовите на сознанието, на етиката и на верата, како и на човековата слобода и на политиката (сиве овие прашање се мошне значајни за нововековната философија).

За разлика од *дуализмот* на Декарт, кој учи дека постојат две супстанции како основи за мисловното и телесното постоење, за супстанцијата Спиноза мисли **монистички**. Постои само *една супстанција*. Таа **самата на себе си е причина на своето постоење** (causa sui). Спиноза вели: "Како супстанција го разбирам она што е во себеси и се сфаќа со помош на себеси, т.е. она за чиј поим не е потребен поимот од друго нешто". Супстанцијата си е причина на самата себе затоа што нејзината "суштина во себе содржи постоење", т.е. "нејзината природа не може да се сфати поинаку отколку како нешто постоечко".

Супстанцијата е вечна, бескрајна и творечка. Од неа зависи сето постоење, таа е основа на сé што постои. Супстанцијата Спиноза ја определува како **Бог или природа**. Оваа прочуена дефиниција (*лат.* Deus sive natura) укажува на универзалноста на постоењето. Едните ќе ја истакнат доминатноста на природното, другите на божественото - тие нешта не се исклучуваат, важно е само како со умот да се добереме до суштината на светот, за што ќе ни помогнат определбата и испитувањето на супстанцијата. Самата супстанција не е надвор од создаденото множество на поединечни нешта. Таа е *целина* - значи го опфаќа сето. Супстанцијата е во сé и сé е во супстанцијата, Бог е во сé и сé е во Бога. За Спиноза Бог е "суштество апсолутно бескрајно", т.е. "супстанција која се состои од бескрајно многу атрибути, од кои секој ја изразува вечната и бескрајна суштина".

Супстанцијата е *иманентна*, присутна насекаде во постоечкиот, создадениот свет. Бог е **творечка природа** (natura naturans), која создава сé и

постојано е идентична со создаденото. Од друга страна е **создадената природа** (natura naturata), која е истовидна со творечката природа, затоа што Бог не создава во времето, туку во вечноста и за вечност. За Спиноза вечноста е "самото постоење". Создадената природа е светот со неограничен број единични предмети, кои се ограничени и конечни тела. Конечното е "она што може да биде ограничено од друго нешто од иста природа", но тие егзистираат според општата логика на постоењето на светот, која је определил Бог. Затоа од секое нешто можеме да сознаеме за смислата на постоењето, но само ако **длабоко умот го нурнеме** во егзистенцијата за да ја дофатиме есенцијата. "Колку што повеќе ги сфаќаме единичните нешта - вели Спиноза - толку повеќе го сфаќаме Бога."

Бог (или природа) како бескрајна и творечка супстанција се пројавува низ своите неограничени **атрибути** (својства). Атрибут е "она што разумот го забележува кај супстанцијата небаре ја сочинува нејзината суштина". Супстанцијата е бесконечна и вечна и има безбројни атрибути, но човековиот разум, кој сепак е ограничен, познава само два атрибути: *свесност- мислење* и *просторност* (ова е одглас од идеите на Декарт). И свесноста и распростирањето се Божји атрибути - "Бог мисли" и "Бог се шири насекаде". Имањето свест и просторноста се атрибути кои ја претставуваат супстанцијата за нас. Тие меѓусебно се различни и не го опфаќаат целиот свет; светот не е само просторност и мислење, туку во него се јавуваат и други атрибути, кои човековиот разум не може да ги забележи кај супстанцијата. Бог има безброј својства (тоа е став од еврејската и од арапската философија). Мислењето и просторноста, колку и да се разликуваат, толку се истовидни за светот. Бескрајната просторност на светот е иста со разумниот поредок, со бесконечноста на свесноста. Светот може да се сознава заради паралелизмот на свесноста и просторноста.

Секој атрибут се развива во свои определби. Свесноста се развива во безброј идеи, просторноста во безбројни материјални тела. Овие тела и идеи Спиноза ги определува како **модуси**, како "*состојби* на супстанцијата или како она што во постоечкото е нешто со чија помош тоа се сфаќа". Секој модус е ограничен како *тело* или како *идеја*. Идеите не може да се споредуваат со телата, зашто секој модус си припаѓа на својот атрибут и со своите определби се здобива во рамките на атрибутот. Една мисла е ограничена од друга мисла, како и едно тело од друго тело - а телото не е ограничено од мислата, ниту мислата од телото.

Според Спиноза, модусите се ограничуваат меѓусебно во рамките на своите атрибути. Но, *секое ограничување, детерминација, определба е негација*. Модусите, иако ограничени и се ограничуваат меѓу себе, истовремено се и поврзани. Оваа меѓузависност не е произволна, туку во сé има строг ред. **Нема случајност**, секаде владее *строга законитост*. Бог (или природа) модусите ги создава според определен ред и замисла. Во реалноста ништо не се случува слободно, туку *сé се случува според определени причини*, а секогаш следуваат и соодветни последици. Спиноза објаснува: "Во природата на нештата ништо не е случајно, туку сé е определено од нужноста Божјата природа да постои и да дејствува на определен начин".

И човекот, според Спиноза, е еден модус, кој се состои од *тело*, што му припаѓа на атрибутот просторност, и од *дух*, што му припаѓа на атрибутот мислење, свесност. Помеѓу телото и духот постои совпаѓање, бидејќи "бројот и редот на идеите соодветствуваат на бројот и редот на нештата". Овој психофизички паралелизам (совпаѓање на телото и психата) овозможува

сознавање на вистината. За Спиноза **вистината е адекватност на мислењето и на предметот**, на духот и на реалноста.

Спиноза разликувал неколку *видови сознание* во зависност од степенот на јасноста, така што сите немаат иста вредност. Прв вид се *перцепциите*, придружени со *афективните* состојби (страст, радост, тага), кои се емотивни и како такви нејасни и неразбирливи. Втор вид е *разумското* сознание, коешто е дедуктивно и формалнологичко, кога од одредени премиси се изведува заклучок. И ова не е совршено знаење. Совршена е **интуицијата**, интуитивното сознание, со кое *непосредно се согледува* суштината на супстанцијата, а вистината се открива безусловно. Ова сознание е *највисока форма на сознанието и услов за секое вистинско сознание*, претпоставка за умствено-дедуктивното заклучување (кое е истакнато како основен метод во "Етиката"). Да се сознава нешто значи да се познава причината на целокупната реалност како знаење за крајната причина на сé. А таа причина е Бог (или природа).

Сé во природата се случува како причина и последица, затоа што нештата произлегуваат нужно од супстанцијата. Сознанието се однесува на причините. Логичката нужност е и нужност на нештата. Кога човекот сознава дека нешто е нужно, тоа се однесува на нужноста во светот. И **човековата волја е определена да дејствува според нужноста**, иако изгледа дека е слободна: "Волјата на човекот не може да биде наречена слободна, зашто има нужни причини". Исто како и стоиците, и Спиноза смета дека **слободата е сознаена нужност**, а не резултат на некој своеволен избор.

Човековиот основен стремеж, како кај секој модус, кај секое нешто, е *самоодржувањето*. Тоа е природен нагон; **колку што повеќе се развива животот, тоа е добро, ако опаѓа, тоа је зло**. Но нагонот за самоодржување може да се контролира, бидејќи од неговото неограничено манифестирање можат да се повредат луѓето околу нас. Кај човекот, кој може да биде роб на своите афекти, слободата се постигнува кога афектите се ставени под водство на духот. Сознанието за општиот ред и нужност е најдлабокото сознание за она што според устројството на светот е нужно, неминовно. Ние стануваме слободни низ таквото длабоко и точно сознание.

Философијата на Спиноза е изградена на пресвртната точка помеѓу теолошките погледи и Просветителството. Тој е уверен дека исправно ги критикувал догматските текстови и хетерономното водење на верниците, заради што е исклучен од верската заедница. Но тој имаше визија на *слободниот* човечки живот со *отворен* поглед на науката и со *рационалистички* ставови за суштината на светот и на Бога. Успеал да создаде мисла со висока вредност, вистинска **философска разгледба** на клучните теми и категории на нововековниот поглед на светот, во која ги вгради своите сознанија и искуството од својата судбина. Етиката кај Спиноза не е едноставен збир на вредности и норми, кои само ќе им бидат пренесени на луѓето на новата ера, зашто ниту тој самиот не ја оправдуваше таквата постапка на претходните раководители на заедницата. Тој посакуваше слободно размислување за смислата на сé и за најважните прашања на духовниот живот. Тој успеа тоа да го објасни со комплексни зборови, со сложен метод, со настојчивост на научната анализа. Знаеме дека верувал во *дедуктивниот метод* - нема да се оди со набројување на страстите, афектите, нормите, добродетелите, па веројатно по таа патека ќе се стигне до височините на Највишето суштество или до смислата на Природата - туку со вистинско сознание, длабоко, самосвесно, посветено ќе ја откриеме смислата и оттука ќе го согледаме постоењето и ќе ги изведеме (ако е потребно) делата што му доликуваат на човекот.

Целата градба на "Етиката" е комплексен систем од идеи, согледби и разработки од сознанија, објаснувања и докажувања, кои сите го упатуваат човекот во **савршенството и единството на светот**. Тоа се единствените вредни цели на човековото сознајно и животно настојување. Кога ќе го сознае величието на Бог и Природата, на човекот ќе му биде полесно да се разбере самиот себе, своето постоење и задачите на животниот пат. Најголемата и единствена вистинска етичка задача на човекот е сознавање на Бог, на суштината на Природата, на целината на постоењето. Тогаш ќе има **самосвест**. Кога ќе го знае тоа, тоа ќе биде основа за друг човек, а не за недоволно свесно, збунето, празно и манипулирано суштество, кого ситните морални правила и "неверојатните" етички ветувања на награди и казни по смртта го водат по слепите патеки на постоењето. Спиноза ја презира оваа теологија, како и ваквата етика, колку-годе да може да се пронајде културно-историско оправдување за неа. За Спиноза вистинска **етичка цел** е што поправилно, што подлабоко, што поискрено сознание.

Под стоичко влијание, сликата на Светската Душа дојде во модерно време. Стоичката етика најмногу и најдолго траеше во европската историја. Со Спиноза таа добива нови импулси и насоки, кои можат да се разберат дури сега, по крахот на Природата, по погрешното (или, поточно, невистинското) знаење што го градевме и по проникнувањето во најдлабоката структура на материјата и на космосот. Така ќе сознаеме кои сме и каде треба да одиме, тоа ќе ни ги открие етичките принципи, вредности, норми. Стоицизмот навлезе кај Спиноза во едноставната **критика на афектите**, како уривачи на човечкото достоинство и извор на несогласувањата меѓу луѓето. Тоа мора да го надминеме, но е неможно ако не се образуваме и не се трудиме околу сознавањето.

Тоа е резултат на *интуицијата*, на методот со кој навлегуваме во срцевината на постоењето. Тогаш сознаваме дека **Бог нé сака**, а бидејќи Бог е Врховен ум и Најголемо добро, Тој има *интелектуална љубов* (кованица подготвена од највредниjите поими на Спиноза). И ние треба да ја покажуваме **интелектуалната љубов кон Бога** (amor dei intellectualis). Тоа е кога човек го љуби Бога или природата, а всушност претставува љубов со која Бог се љуби самиот себе. Со интелектуалната љубов кон Бога човекот постигнува **морално совршенство** и своја **духовна слобода** - што е крајната цел на философијата.

Спиноза смета дека човекот во природната состојба можел да прави што сака и како сака. На човекот не може да му се всадат нови чувства, но основниот нагон за самоодржување може се ублажи и трансформира со соодветни сознанија. Секој сфаќа дека е покорисно да се живее без страв, а тоа е можно само во заедница. За таа цел е неопходно секој да ги ограничува своите страсти со одречување на еден дел од своето природно право, со што се здобива со поголема корист: има сигурност и слобода на живеење во заедница. Тоа е **договор меѓу луѓето**; државата се создава со *договор* (овие идеи се модерни во таа епоха, а нив најмногу ги развива и **Томас Хобс**, 1588-1679, со кого Спиноза имал пријателски контакти).

Човекот како граѓанин е должен да се потчинува на државната власт, но само додека таа ги штити интересите на граѓаните. Штом државата бара нешто неразумно, тогаш таа го губи правото на власт (легитимитет). Така Спиноза уште рано во модерната епоха дава критика на институциите. Човекот не треба слепо и со присила да се потчинува на државата, туку секогаш од увереност и сознание. **Државата е одговорна пред граѓаните**. Таа постои поради нив, а не обратно (ова е основната идеја на нововековниот *либерализам*, која Спиноза доследно ја застапуваше, но и тука има варијанти помеѓу авторите - еден коментатор ги спореди концепциите на Хобс и на Спиноза, наречувајќи ги: туторска полициска држава и *слободно, вдахновено општество*).

Според Спиноза, **демократија** е кога државата им служи на граѓаните, и тоа не со тоа што ќе им угодува, туку што ќе ги воспитува да бидат пред сé луѓе, **да се образуваат и да бидат морални**. Спиноза вели дека тоа е можно само тогаш кога и државата е етична, што пред сé значи да е слободна и да го поддржува образованието на своите членови. **Во слободната држава секој може да мисли што сака и да го говори она што го мисли**, го заклучува Спиноза своето истражување на светот, Бог и постоењето, на смислата на човечката опстојба и на одбраната на слободата на мислењето пред догматските заповеди и блокирани фанатизми. Тој даде вреден импулс за нашето самоиспитување за да го унапредуваме животот као основна карактеристика на нашата егзистенција.

Потсетуваме дека при екскомуникацијата беше кажано: Господ неговото име нека го избрише од земјата. Тоа не се случи, имињата на злотворите обично се заборавaат, а имињата на духовните херои, на философскиот гениј Спиноза, остана за вечност да ги учи луѓето. Зашто, во секоја епоха треба сите да тргнеме по патот на сознавањето за да ги совладаме старите заблуди и да откриеме нов широк приод кон Бога или природата, што е прва човечка задача, а со тоа наша *основна етика*. Можеби во најновите констелации Спинозината **етика на сознанието на светското единство и љубов за природата** ќе биде попродуктивна отколку што беше во неговото време. Но, за потсетување на непријателствата кон него, што сериозниот свет никогаш нема да ги заборави, исто како ни убиството на *Сократ*, распнувањето на *Христа*, спалувањето на *Џордано Бруно*, и..., ќе ја приведеме мислата од првите години на христијанството, која трајно им укажува на добрите луѓе на вредноста на етиката и на обврската на човекот да размислува за тоа што прави и што му се случува: **Прогонетите се подобри од оние што ги гонат!**

**Етички мисли на Спиноза**

"Колку духот ги сфаќа сите нешта како нужни, толку тој има поголема моќ над афектите или помалку трпи од нив."

"Никаде не може да се покаже повеќе што може да се постигне со силата и образованието отколку луѓето да се воспитуваат на тој начин што конечно да живеат според сопствената заповед на умот."

"Слободниот човек не постапува никогаш подмолно, туку секогаш чесно и искрено."

"Само во слободната држава секому му е дозволено да мисли што сака и да зборува што мисли."

## 44. Дајдоџи Јусан
## ВЛОЖИ СЕ ВО ДОБЛЕСНО ОДНЕСУВАЊЕ!



Етиката често претставува синтеза на реалните животни погледи. Многу од големите етичари ги сублимираат нормите на однесувањето на луѓето и ги систематизираат во целосна етичка концепција. Ако тие етички вредности и норми се прилепуваат за срцето и навистина ги водат луѓето кон добро дејствување, корисно и за нив и за другите луѓе - тогаш етиката ја реализира големата функција на правилен животен водач. Таков интересен етички систем, кој **ја изрази доблесната морална практика во Јапонија** и предложи влијателни морални норми, е кодексот на Дајдоџи Јусан. Тие норми се дејствени и денес и водат кон извонредни човечки и етички резултати во Земјата на изгрејсонцето.

**Дајдоџи Јусан Шигесуке** е роден во 1639 година во самурајско семејство со богато генеалошко стебло. Во таа епоха привршува долгата историја на *самурајс̄тво̄то* во Јапонија, кога во бројните судири помеѓу силните регионални владетели учествувале и нивните верни поданици, обучени воини, посветени на острата професија и верни на своите господари. Тие имале посебни етички вредности и норми на однесувањето, кои се пренесувале од генерација на генерација, влијаејќи да се создаде специјален тип однесување на храбар борец и горда личност, на послушен соработник и лојален поданик. Според семејната традиција Јусан најнапред бил вазал-самурај кај кланот Токугава, кој од таа епоха давал и *шо̄гун* (врвен воен и политички раководител, прв до царот, којшто во следните два века ќе биде водечка јапонска личност). Јусан учел воена вештина и теорија во Едо (сегашно Токио) кај најпознатите тогашни стратези. Станал научник и стручњак, служел во кланот Асано, а потоа бил главен воен советник на кланот Ајзу Мацудајра и на силниот клан Ечизен Мацудајра. Бил поет, познати му се расказите за шогунот Токугава Иејасу, а напишал и историја за овој шогун и неговите наследници, кои го востановиле замокот и градот Едо. Од Јусан се сочувани и записи за великите јапонски војсководци (потсетуваме дека до средината на XIX век во Јапонија се расправало само за нештата во таа земја - освен користењето на кинеското писмо, будистичката религија и конфуцијанските етички норми, Јапонците биле во *изолација*).

Најпознатото дело на Јусан е “Будо Шошиншу“ (“Поуки за воините“), **етички кодекс на самураите**, на оние кои одат по патот на воин. Тој дава правила и совети што треба да прави вистинскиот самурај, кои вредности треба да ги усвојува и да ги следи, како треба да се однесува спрема господарот и спрема своите другари во службата - за неговото однесување да биде оценето позитивно и да биде посочено како пример за другите. Дајдоџи Јусан имал огромно животно искуство и образование потребно за создавање на влијателно етичко дело. Живеел 92 години, во текот на управата на шест шогуни, потекнува од бележито семејство со традиција, бил сведок на низа значајни настани во кои бил

проверуван моралот на воините. Во текот на неговиот живот се менувале вредностите и обичаите, од скромност до голема раскошност, од аскетизам до хедонизам. Истовремено биле урнати мнозина кланови и силни семејства, како последица од лошото однесување на раководителите или на нивните поданици. Напоредно со блескавите херојски подвизи и колективни самоубиства од срам на поразените, имало и многу примери на немарност, недоволна сконцентрираност кон обврските, дури и предавства. Сето тоа било инспирација за Јусан да го направи своето ремек дело. Тој починал во 1730 година.

"Будо Шошиншу" на Јусан и денес се смета за основно дело за **бушидо**, јапонскиот поим за "животниот, моралниот пат на воинот". Станува збор за етиката и обичаите на самураите, за основите на дејствениот морал на оние од кои се очекува извршување на должноста, посветеност и лојалност. Повеќе такви дела се напишани во истиот период или подоцна. Базата ја имаат во трудот "Кјоба но мичи", создаден врз основа на класичната кинеска воена доктрина неколку столетија порано како неформален кодекс на воините. Резимирање и речиси официјализирање на ставовите за етичките обврски на воините дава **Соко Јамага** (1622-1685) во делото "Буко Шогаку" (1656), како воведно објаснување на воените идеали. Неговата теорија за "шидо" (патот на самурајот) се смета за прво изложување на теоријата на бушидо. Јамага го објаснува самурајот со конфуцијанскиот поим "достојна личност" и му наметнува да биде образец за правилно и справедливо однесување, посебно за луѓето од пониските слоеви. Во исто време **Хајшиѕаки Џинсуке Шигенобу** (1542-1621) го има поставено принципот: "Каде и да си, што и да правиш, треба да бидеш подготвен за сé". Потоа се создадени и други дела, од кои со негативна слава се здоби "Хагакуре" (Записи на самурајот, 1716) од **Јамамото Цунемото** (1650-1716), пензиониран самурај, кој како будистички калуѓер напиша 374 етички фрагменти за најстрога посветеност кон борбата и успехот. Откако во Втората светска војна ова книга беше користена како основна поука за *камиказе*, младите пилоти кои ја презираа смртта и со своите авиони се фрлаа врз американските бродови и трупи, тоа дело беше забрането. Во модерната епоха со светска слава се здоби делото на **Инацо Нитобе** (1862-1933) "Бушидо - кодекс на самураите".

Делото на Јусан застапува слични цели и вредности, но со човечка димензија, така што и денеска е функционално и поучно. Тоа се потпира врз единството на личната увереност и на општественото мислење, во него се проникнуваат силата на совеста и на воспитувањето, моќта на идеалите и нужноста на нормите. Авторитетот на моралот кај Јусан е претставен и како **дух на личноста** и како **израз на должностите**, што секој ги има според својата положба, дејствени задачи и животна определба.

Предната, најважна вредност е "чу" или "чуго" - **верност**, лојалност, преданост. Тоа е една од основните вредности на конфуцијанизмот (кин. "џун"). Верноста знач "предано служење на луѓето", "искреност и посветеност на пријателите", "давање на сите физички и душевни сили на блискиот", "верност кон оној за кого се грижам", "преданост кон оној кого го советувам". Во кинеското класично толкување *цун* значи "целосно да се дадеш, вложиш себеси". **Секој треба да се даде, вложи себеси докрајно** - оној кој раководи за да ја оствари целта на општествената заедница или на претпријатието, неговите соработници и потчинети да му помогнат во тоа со сите свои сили, оние со понизок ранг да ги извршат задачите за кои се определени и кои можат да ги исполнат. Личноста е еднаква во должностите со сличните на себе, а за секоја позиција во животот постои особена содржина на должноста. Но, сите имаат

*строги обврски* - од секого се бара лојалност и максимално вложување на усилби за исполнување на должноста.

Самурајот е замислен не само како војник со воени должности, туку како офицер со општествени должности. Тоа е резултат на конфуциевската концепција на синовска потчинетост (*сјао*), во смисла на обврската на слушање на татка си и мајка си. Идеалот е семејното единство и солидарност помеѓу генерациите. Тоа се протегнува и врз целината на човечкото живеење и врз сите видови животни обврски, од кои за самураите основни задолженија се оние воените и помошничките во управувањето. Како што синот треба во текот на животот да го слуша, почитува и служи татка си, така тој систем на морална задолжителност е проширен и врз задачите прифатени во другите видови човечки релации во животот.

Првата морална карактеристика на самурајот треба да биде **чесноста**. Тој е достојна, чесна личност - спротивност од ситните, ништожни луѓе. Чесноста (конфуцијански “и“) е еднозначна со справедливоста, должноста, чувството за обврски, способноста за севкупна уредност. Оној кој ја одгледува оваа добродетел е непристрасен и не мисли на обична корист во дејствувањето. При тоа **не е доволно човекот да знае што е правилно, тоа треба и да го прави**. Ако постапува спротивно, тоа се означува како “отсуство на храброст“ (така се обединуваат воената и граѓанската смелост).

Добродетелта “и“ ја немаат само аристократите, неа ја има секој човек, тоа треба да биде **должност на секоја личност**. И **народот како целост** треба да ја има таквата добродетел, како и сите во него. Ако таков етички идеал нема во силниот борец, тој ќе прави смут во општеството, а ако простата храбра личност не е чесна, таа станува разбојник. Оваа етичка категорија означува баланс помеѓу содржината и формата на однесувањето.

Така “Будо Шошиншу“ на Јусан е голема етичка расправа за животните обврски и морални должности. Изучувањето на “патот на воинот“ претставува “внатрешно насочување на умот сообразно на Патот, а во формата - надворешно внимавање на нормите“. Јусан расправа за животната ориентација. Тој им препорачува на луѓето да го живеат животот и неговите радости, но пред сé да бидат свесни за можното умирање. Тоа ќе нé води кон *пореалистичка* согледба на можностите и на задачите, а истовремено и кон *повисока моралност*: “Кога сликата на смртта ти е постојано пред очите и си проникнал во ништожноста на овој свет, природно ќе ослабне алчноста во твојата душа и нема толку многу да те притискаат презрените страсти на среброљубието и на саможивоста. Така ќе станеш и подобар“.

Основната животна цел на секого треба да биде **верноста**. Станува збор за верноста кон избраниот пат, кон задачата која си ја презел, за постигањето на добар резултат, за ангажирањето и издржливоста за прославување на своето име како чест на родот. Тука спаѓа и чувањето на здравјето и посветеноста на образованието (зашто силниот кој е необразован е тап). Особена лојалност е почитувањето на родителите како постојана човекова обврска. Јусан потсетува на значењето на јапонската поговорка: “Верни служители барај во куќите со деца кои ги почитуваат родителите“.

Кодексот на достојната личност вклучува **низа правила**: капење изутрина и навечер и чување на хигиената во текот на целиот ден; внимавање на облеката според сезоната; носење, одржување и чување на оружјето, и сл. При средба со луѓето, треба да се биде учтив и љубезен и да се избегнуваат празни разговори. Кога го послужуваат, човек треба да знае со стил да го изеде или испие поднесеното. Ако не е на задача, достојниот човек не го троши времето во

пијанки или залудно, не легачи, туку учи или вежба, за да остане во кондиција. Кога оди, стои или спие, внимава тоа да го прави достојно за еден самурај. Не треба да се оддава на пијанство и на разврат. Не смее да се тепа жена (“таквиот човек е плашлив“). Треба да внимава на трошењето, да не запаѓа во долгови и со штедење да си обезбедува подобра положба. Однадвор самурајот треба да *блеска*, однатре треба да биде *скромен*. Треба да се има чувство за положбата за другите и за нивните проблеми и страдања. **Не смее да се прави нешто недостојно**, нечесно, што ќе ја усрами личноста. Никој не смее да се фали себе, ниту да дава празни ветувања. Треба да се чува дадениот збор, особено пред пријателите.

Воинот, според Јусан, треба да се труди да победува. Тоа значи да се извишува над другите и над себе самиот. Секогаш треба да се труди “да направи некакво значајно дело“, да не дозволи “никој да го надмине“. Исто така, “денешната работа не треба да се одлага - утрешниот ден е несигурен“. А најважно е да се биде предан, посветен. Тогаш се има **чиста совест**.

На крајот од книгата Дајдоџи Јусан Шигесуке препорачува внимателно да размислиме за она што е кажано во неа, зашто тоа “е оставено како спомен од родител кој ги сака своите деца“. Јапонците здушно ги усвоија идеите на Јусан. Во моралот ги следат неговите совети, пред сѐ оние за преданоста, лојалноста, како основа за добри човечки односи и за успех во животот на сите. Така станаа една од водечките нации на современиот свет. Некои се обидуваат и пошироко да ги рашират тие идеи - па **Дон Шминке** во 1997 година ги парафразираше како “Кодекс на менаџерот“ во форма на 47 стари самурајски начела кои се суштествени за успешно раководење во XXI век. Како што кинеската “Вештина на војувањето“ (500 пред н.е.) од **Сун Ци** е многу популарна во современата култура, особено кај интелектуалците и менаџерите, иако постојат многу современи книги за натпреварувањето - така и книгата на Јусан со своите автентични ставови може да биде базична за изградбата на зрели етички погледи и ефикасни етички норми.

**Етички мисли од Дајдоџи Јусан**

“Ако ни за миг не заборавиш на смртта, ќе му бидеш верен на господарот, ќе ги почитуваш родителите, ќе избегнеш многу зла и бедотии, во долголетниот живот нема да те навасаат болести и незгоди. Дури ќе станеш подобар и според карактерот.“

“Настојувај да се радуваш на правдата, а да ја мразиш неправдата.“

“Три својства се најважни за Бушидо - верност, чесност и смелост.“

**“**Човек треба да има чувство на срам и да биде разумен.**“**

# 45. Лорд Шефтсбери
## ЧОВЕКОТ ИМА МОРАЛНО СЕТИЛО



Етичарите се обично **луѓе со благи чувства**, ги сакаат другите луѓе, сите луѓе, ги разбираат страдањата на човекот, сакаат да му помогнат, даваат добри совети за моралното однесување на луѓето. Поуките речиси кај сите етичари се однесуваат на правењето добро за другиот. Меѓутоа, во теоријата не сите етичари ги истакнуваат чувствата. дури мнозината ги критикуваат чувствата, како **извор на страстите** и на залудувањата, кои луѓето ги оддалечуваат од исправното постапување. Лордот Шефтсбери, бележит англиски етичар, сепак инсистира на чувствата како етичка сила на луѓето. За него луѓето главно имаат добри етички настроенија за другите луѓе.

Ентони Ешли Купер, ерл од **Шефтсбери** е роден во 1671 година во Лондон во богато и моќно семејство. Се образувал приватно. Бил 3 години член на Парламентот, а титулата ја наследил во 1699 година, од тогаш е член на Домот на лордовите. Во нивното семејство секретар и домашен воспитувач на децата бил најпрочуениот англиски филозоф *Џон Лок*, инаку од скромно потекло, кој бил учител на неговиот татко, но само малку влијаел врз воспитувањето на Ентони. Ни нивните идеи не се исти. Шефтсбери почина во Неапол млад во 1713 година, кога имаше само 42 години. Трудовите што ги објави, и имаа забележан успех, главно се однесуваат на етиката, Под општ наслов "Карактеристики на луѓето, постапките, мислењата и времињата", тој ги направи делата "За добродетелта и заслугите", "За ентузијазмот", "Есеј за слободата на мислата и за хуморот", "Моралисти" (книга со наслов сличен на нашата книга, на која поднасловот ѝ е "Философска рапсодија") и др.

Шефтсбери ја зачна етичката теорија за **моралното сетило** (moral sense). Тој тврдеше дека човекот го разликува доброто од злото, правилното од погрешното со посебното сетило, коешто во нас дејствува со особена чувствена реакција. Духот на човекот е во хармонија со системот на космосот, со што му е дадено чувство за она што е исправно и што е грешно. Дури и кај најрасипаниот човек можат да се најдат траги од ваквото чувство, па постапките кои се добри и треба да се пофалуваат може да ги разликува од оние дела кои не чинат и ќе бидат казнети (влијание врз ова сфаќање има развиениот британски *сентиментален роман*, како делата на Даниел Дефо, 1660-1731, каде што главни теми се позитивното и негативното однесување). Шефстбери не верува дека кај човекот може да дојде до конфликт меѓу самољубието и посакувањето добро за другиот. Ние добродетелта ја чувствуваме слично како што ја чувствуваме убавината во уметноста, како нешто што има исклучителна вредност и претставува големо достигање. Ако е нарушено ова својство, па не правиме

разлика помеѓу симпатија и антипатија за другиот, ние ја губиме способноста да разликуваме што е пропорционално, а што непропорционално, Природните наклонетости на човекот се тројни: или насочени кон доброто на луѓето и на заедницата, или кон себичниот стремеж за своите интереси, или не се корисни ниту за општото добро ниту за нас самите, па се неприродни.

Моралното сетило значи дека кај човекот се разбудуваат чувства и дека има развиени емоции. Кај човекот постои природна **симпатија**, која води кон добронамерноста, поттикнува на исполнување на општествените интереси и значи љубов за општото добро. Шефстбери не се согласува со мнозината мислители од тоа време дека основата на човековото живеење и однесување е *интересот*. Тој тоа го смета за нешто премногу ниско и неразвиено. Тоа е своевидна расправа со ироничните записи за човечките пресвртливи постапки, кои ги има направено францускиот моралист *Ларошфуко* (1613-1680), но и со теоријата за човечкиот природен *егоизам*, која ја истакнуваше *Томас Хобс* (1588-1679), создавач на учењето за реалната "војна на сите против сите" и на лозунгот "човек на човека му е волк", што извира од неуништливите егоистички нагони кај човекот (кои ќе бидат надвладеани само со *разумното* создавање *општествена спогодба* меѓу луѓето за да се откажат од своите негативни дејства во името на сочувувањето на животот, самоодржувањето, во државата која во името на сите и за корист на сите ќе ја води суверен).

Шефтсбери не е само етичар, туку и **естетичар**. Кај него сретнуваме облагородени погледи за човечките карактери и однесување, во кои се наѕира доживување на убавината. Етиката и естетиката се духовно поврзани. Нив ги соединува чувството за **хармонија**. Хармонија има во целата вселена, Убавината е хармонија, во музиката тоа е основна вредност, во архитектурата симетријата е посебен вид хармонија, во поезијата хармонија градат зборовите со својата звучност и ритам. Според Шефтсбери, во усовршената човечка природа ќе дејствуват заедно двата мотиви - моралниот и уметнички доживувачкиот и творечкиот. Некои го опишуваат Шефстбери како учена и елегантна фигура на тогашното британско општество, сакан од творците поради своите префинети чувства и настапи. Всушност, неговата концепција е слична на врвниот старохеленски идеал **калокагатија**. Тој идеал поетесата **Сапфо** (VI век пред н.е.) ќе го опише "Кој е убав, на очите ќе им се чини дека е добар, а кој е добар истовремено ќе биде и убав". Тоа значи да не треба да се биде еднострнчив, доброто и убавото треба да се совпаѓаат, да се сака доброто и да се прави и поддржува убавото. Вредното античко воспитување инсистирало во личноста да се развиваат и моралноста и чувството за убавината, таа да биде способна за разбирање и правилно однесување според двете вредности. И **Аристотел** во својата "Евдемова етика" оваа двојна добродетел ја смета за најсовршена, затоа што ги обединува и добрината и убавината како човечки идеали. Како примери се наведуваат големите антички херои со исклучителни човечки и образовни квалитети. А за Шефтсбери, нема судир помеѓу природното и културното во човекот, тие треба да се поврзани, да се во хармонија. Тоа значи, вели тој, "довршување на целосниот човек".

По ваквото воведување во емоционалната *основа* за човечкото морално дејствување, Шефтсбери расправа за суштината на етиката. Шефтсбери резервирано се однесува кон истакнувањето на егоизмот божемски тоа е "природен" човеков стремеж. Ерата на науката започна со антрополошки сагледби, помеѓу који се јави и аналогија на човекот со другите живи суштства, кои се насочени ("мислат") само на својот опстанок, храната, задоволувањето на нагоните и сл. Долго време, до модерното доба многу научници самољубието ќе

го сметаат основна човекова ориентација, неизбежна, тешко совладлива, непобедлива. Доброто им е всадувано на луѓето со религиско-правни заповеди, со афирмирање на успешна хетерономија. Шефтсбери не се согласува со ваквата определба на човекот. Не вели дека нема егоизам кај човекот, но тоа не е битно за етичките визии. Според Шефтсбери, човекот е суштество заинтересирано за доброто на другиот - во подоцнежните епохи би рекле дека е алтруистичко суштество (интересно е дека токму *Огист Конт*, 1789-1857, најголемиот афирматор на *позитивизмот* како принцип дека во науката и во секое сознание мора да се пристапува строго објективистички, реалистички, без никакви "метафизички застранувања", т.е. без неоправдани визии - ги изгради етичката концепција и поим на **алтруизмот**).

Кај Шефстбери е присутна и социјална нота на етиката. Исправноста на поведението на човекот зависи од тоа дали придонесува за хармонијата на човештвото, односно за општата благосостојба. Ако некој премногу мисли само за себе, тоа е себичност, обичен порок. За таквите луѓе Шефтсбери потсетува дека "дивите, проколнатите и закоравените" личности можат да бидат несреќни поради своите луди страсти и неадекватно однесување, но дека тој самиот не може јасно да размислува за овие морални теми, дека "нашите мисли во однос на ова се конфузни и контрадикторни". Имено, Шефстбери не може да разбере како може да исфрлиме некоја добра или позитивна емоција од умот или од нашата природа и да си ставиме зла и негативна. Добротворството е составен дел на човечката природа. Ако со своите намери и постапки спрема другите се гради хармонија во заедницата, тогаш и во душата на таквата личност се создава хармонија и не се потребни никакви ограничувачки заповеди или казнени санкции за нејзиното поведение.

Затоа моралот не може да се изведе од надворешни притисоци, заповеди и санкции (значи од правна репресија - што се сретнува и кај Лок). Моралот е внатрешен порив во човекот, чувствувањето на исправното и погрешното е природно кај човекот. Моралот не зависи ниту од религијата. Моралот и религијата, според Шефтсбери, се независни ентитети, иако Бог, кој е универзално суштество, му всадил во човекот морално сетило, па така човекот е поврзан со двете сфери. Шефтсбери ја почитува стандардната религија, укажувајќи дека постоењето на Бога го докажува планот и хармоничната организација на вселената. Но тој нема почитување за светителите, ако очекуваат награди на оној свет.

Посебно прашање е што да правиме кога моралното чувство е деградирано кај некоја личност, пресвртено со лошите навики, глупите обичаи, со политичките критики и активности (пред да се роди Шефтсбери беше погубен англискиот крал Чарлс, а мнозина се изгонети од земјата, со која и политички и духовно диктаторски завладеа *Оливер Кромвел* као лорд-протектор). Врз човековите ставови во смисла на нарушување на основното морално чувство со своите доблести можат да влијаат и религиските идеи (во тоа време во Британија се изложуваа многу такви концепции, како резултат на развојот на разни религиозни *секти*, кои навистина често инсистираа на типичните морални постапки на своите членови - квекери, дисентери, конгрегационалисти, презбитеријанци, реформисти, социјанци и др., но необични се и драстични во однос на вообичаените религиски норми).

Проблемот со наградувањето и казнувањето за моралното дејствување кај Шефтсбери не се поставува како премногу тежок. На човекот не му е потребно да смета на оценување и на наградување или казнување на другиот свет. За Шефтсбери тоа не е достојна мотивација и човекот не ја бара за да

постапува добро, коешто му е вродено. Добродетелта човекот ја бара и извршува поради неа самата. Човекот има доволно поттици во животот и во светот за да се стреми само кон она што е добро. Уште повеќе што на човекот доброто дејствување му донесува блаженство, среќа. Санкционирање за неморалното однесување постои, и за него Шефтсбери пишува дека се изречуваат казни за нешто такво. Сепак не се занимава опстојно со таа идеја.

Но неопходно е **морално воспитување** на младите. Моралното чувство е еден вид *интуиција* (која стана важен фактор во гносеологијата, особено по учењата на Спиноза и на другите рационалисти). Воспитувањето треба да се спроведува умно и вешто. Целта на моралното воспитување е кај личноста да се развие и поддржи несебична љубов за добродетелта. Тоа се постигнува само кога добродетелта се бара и се извршува поради неа самата (што е инспирација од Аристотел, исто како и ставот дека доброто дејствување донесува блаженство). Само личноста која постапува навистина добро самата од себе има добродетел.

**Бернард Мандевил** (1670-1733), француски лекар кој живееше во Лондон, силно ги негираше оптимистичките идеи на Шефтсбери, истакнувајќи дека неговото учење за моралните чувства и за пожртвуваноста за другите е во колизија со егоистичката реалност на луѓето, а дури и претера со тврдењето дека маните и пороците на луѓето го развиваат општеството и неговата култура. И бискупот **Џозеф Батлер** (1692-1752) не се согласува со Шефтсбери, укажувајќи дека во природата пропаѓаат многу невини суштества, додека во општеството многу виновни минуваат лесно, а страдаат невиновните.

Но, многу сериозни мислители ги продолжија концепциите на Шефтсбери, особено од *Шкотска* (што ќе се нарече *Шкотска школа*). **Френсис Хачесон** (1694-1747), професор по морална философија на Универзитетот во Глазгов, автор на книгите "Есеј за природата и за водењето на страстите и афектите, со пример на Моралното чувство" (1726) и "Систем на моралната философија" (постхумно, 1755), ги систематизира Шефтсбериевите погледи, особено за моралното чувство. Покрај оваа изворна морална сила во човекот, значајна е и *благонаклонетоста* спрема другите. Тој вели: "Ова благородно чувство што природата го определила да нè води во животот заслужува мошне внимателно да биде разгледано, бидејќи тоа е очигледно *судија* на целото живеење, на сите различни способности, наклонетости и намери, и природно презема јурисдикција над нив, давајќи ја онаа најзначајна пресуда дека во самите добродетели и во внимателното проучување на она што е убаво и чесно во нашето однесување и поведение лежи нашето вистинско достоинство, природно совршенство и најголема среќа".

**Дејвид Хјум** (1711-1776), философ и историчар, автор на прочуеното "Истражување за човечкиот разум" (1748), писател е на голем број текстови за моралот и за политиката, посебно на делото "Истражување за принципите на моралот" (1751), со кои влијаел врз сета философија. Неколку години престојувал во Париз и бил пријател со француските енциклопедисти. Ги поддржувал идеите на Шефтсбери и на Хачесон. Како аргумент приведува дека некои цели и постапки ние ги оценуваме како добри, иако не мора да ни се допаѓаат, а тоа значи дека егоизмот не е основа за моралот. За етиката е важна **симпатијата**, способноста на луѓето со радост или со болка да сочувствуваат со она што им се случува на другите: "Целта на сите морални спекулации е да нè учат на должноста и, со правилно прикажување на изопаченоста на гревот и на убавината на добродетелта, да зародат соодветни навики во нас, наведувајќи нè да го избегнуваме првото и да го прифаќаме второто".

**Адам Смит** (1723-1790) бил професор во Глазгов по логика и по морална философија. Долго престојувал во Франција, каде пријателствувал со француските мислители. Во своето прво дело "Теорија на моралните чувства" (1759) ги разработува учењата за моралните емоции, каде централно место ѝ дава на **симпатијата**. Кога ги оценуваме постапките на некого, ние тоа го правиме според симпатијата која ја чувствуваме, а и според симпатијата кон онаа личност која постапува добро спрема нашиот пријател. Исто така, за нас е важно некои дејства да се во согласност со општествените норми и да придонесуваат за заедничката и за индивидуалната среќа. Второто дело на Смит "Богатството на народите" (1776) е прочуено изложување и одбрана на *слободната* економска иницијатива и пазар, со што Смит стана **најпознат економски теоретичар во современиот свет**. И во ова дело се вградени етичките концепции од претходните сознанија на Смит - особено во модерната ера е битен ставот дека **слободната економија е сушност и база на етичките односи**.

Теоријата на моралното чувство имаше големо влијание врз развојот на **психологијата на моралот** како научна дисциплина во XX век. Исто така, врз нејзините основи е изградено и се разви учењето за **емпатијата**, како **разбирање и сочувствување со нечија положба и страдање** (во англосаксонската култура за тоа се вели "*Да влезам во чевлите на другиот*", за да ги почувствувам неговите состојби и маки). Емпатијата е исклучителна етичка вредност и метод, кај неа не се очекува другата личност да одговара на нашите емоции и правење добро (зборот "симпатија" сепак изворно значи заедничко чувствување). Емпатијата како психички акт соодветствува на помодерната *загриженост* за положбата и страдањето на лицата со посебни потреби (за што е заслужен двовековниот развиток на особената медицинско-педагошка дисциплина *дефектологијата*), на инвалидите (настрадани во војна, сообраќајни несреќи, на работата, од генетски болести... - за кои се грижат Црвениот Крст, здравствените и социјалните организации), за тешките проблеми на бедните и гладните и на децата која страдаат од немаштина и малтретирање (за кои се воспоставени УНИЦЕФ, ФАО и други светски владини и невладини организации). Етичките чувства се дел од сознанијата и активностите на новите етички форми **Биоетика** и **Еколошка етика**, како и на содржините на новововеденото **Етичко образование**.

Така се разви етичкото *чувство* во современата епоха, иако етиката уште смета на *разумот* како главна основа за етичкото размислување, вреднување и дејствување.

### Етички мисли на лордот Шефтсбери

"Ако единката треба да заслужи име добра или чесна, тогаш сите нејзини наклонетости и афекти, нејзиниот севкупен начин на размислување и на чувствување мора да биде сообразен и корисен за доброто на нејзиниот вид или систем, во коишто таа е опфатена како дел."

"Ниедно разумно суштество не може генерално да биде несвесно за реалноста на доброто и злото во нашиот вид и во општеството."

"Ако и нема вистинска убост и грдост во моралните постапки, постои барем замислена целосна убавина и грдотија."

"Со извесност знаеме дека сета љубов кон општеството, пријателството, благодарноста или што годе од овој благороден вид постапки го зазема според својата природа местото на себичните афекти, нé одвлекува од свртеноста само кон себеси и прави да ги заборавиме своите лични погодни околности и замислената сигурност."

# 46. Волтер
## КРИТИКА НА НЕПРАВДИТЕ И ОДБРАНА НА ЧОВЕЧКОТО



Моралната дејност на етичарите се огледува и низ застапувањето на своите погледи. Некои етичари се поактивни и поприсутни во животот, а некои се повлечени и нивните идеи проблеснуваат преку книгите или преку учениците. А некои токму пишуваат за да **се борат јавно за своите ставови**. Според нив етиката бара духовна поддршка од луѓето, ним етиката им е особена жива материја на човечкото живеење. Понекогаш тие се силни критичари на сите неправди и бранители на човечкото и на правдината. Најпознатиот помеѓу ваквите е францускиот филсоф Волтер.

**Волтер** е роден во 1694 година со името Франсоа Мари Аруе. Учел во најпознатата гимназија и уште многу млад се истакнал како талентиран писател на сатири, трагедии и на историски трудови. Бил храбар автор, особено ги критикувал состојбите во Франција (тоа е карактеристика на големите мајстори, наспроти другите кои не зборуваат многу за својот свет). Волтер тоа ќе го прави целиот живот, што ќе го доведува во судир со кралот, властите, судиите, свештениците, со навредените писатели, со сите за кои тој мислел дека треба да ги обзнани нивните несправедливи постапки (тоа е времето на оној несериозен крал Луј XV, кој безобразно, кога му рекле дека земјата пропаѓа, дофрлил дека "по него може да се случи и потоп", не му е гајле сé да биде уништено). Го затворале Волтера, морал и да емигрира во Англија и во Швајцарија, но неговата слава се зголемувала. Бил **најпознат светски мислител и писател на времето**, неговата епоха ја нарекувале "столетие на Волтер", го прославил името “философ“, кое, поддржано од широката дејност на другите просветители, особено на француските енциклопедисти, ќе стане синоним за *интелектуалец*, особено за ангажиран и духовно посветен и чесен творец.

Волтер е еден од 200 псевдоними кои овој херој на зборот ги користел во текот на животот, за да не го откријат полицијата и судовите (иако сите ги препознавале неговите трудови според стилот, ироничноста и моралната храброст). Иако книгите му се осудувани и спалувани, заради неговата светска слава властите му дозволиле понекогаш да доаѓа во Франција. Едно време го назначиле за дворски поет и официјален историограф на кралското семејство, но брзо повторно го прогониле, бидејќи Волтер не престанал да бара модернизирање на земјата според најсовремените начела и го критикувал прогонувањето на луѓето заради нивните погледи (се зборувало дека секој прогонет можел да му се јави, тој ќе напишел статија за негова одбрана). Во Берлин го повикал прускиот крал *Фридрих Велики*, кој пишувал на француски јазик (на пример, книга против макијавелизмот) и се сметал за просветител. Кралот сакал со Волтер да ја украси тукушто создадената Академија, но овој избегал (гонет од кралските трупи) незадоволен од деспотизмот на владетелот, наречувајќи го местото “елегантна зандана“. Најоригинално го решил својот натамошен престој. Блиску до Женева купил имот *Фарнеј*, каде спроведувал

интересни економски иницијативи и на своите работници им овозможувал да живеат достојно. Имотот (во кој денес е музејот на Волтер) се простирал и од француската и од швајцарската страна на границата, па тој престојувал во оној дел во кој власта не го прогонувала (велел: “Философите мораат да имаат две-три дупки во кои ќе се скријат од пците што ги прогонуваат“). Таму има една случка важна за духовниот свет и за животот - кога Русо го прогонувале во Женева, а во меѓувреме биле скарани со Волтер, Волтер јавно го поддржал големиот мислител кажувајќи: "Јас не се согласувам со неговите идеи, но ќе сторам сé да го одбранам неговото право да ги каже" и го покани Русоа да дојде да се смести кај него колку што сака.

Со бројните философски дела, како и со **јавните текстови против секој акт на фанатизам и повреда на човештината**, Волтер станал главен духовен авторитет на епохата - го викале “лав од Фарнеј“, заради неговите нескротливи, остри духовни канџи. Во 1778 година го пуштиле да се врати во Париз. Тоа бил најголем настан на сезоната, “сиот Париз“ го дочекал својот *идол*, луѓето ги испрегнале коњите и ја влечела кочијата со Големиот Философ. На театарската сцена јавно ставиле почесен ловоров венец на неговата биста. Умрел по неколку месеци. Не ја дочекал Револуцијата (1789), за која се кажувало дека Волтер е нејзиниот најголем инспиратор. Во криптата на новосоздадениот Пантеон, како место за гробовите на националните херои, прв е внесен саркофагот на Волтер (но во една подоцнежна побуна, збудалените фанатици ги изнеле останките на Волтер и на Русо, кој исто така бил погребан таму, и ги фрлиле во прости гробишта - небаре најхрабрите философи им се непријатели на обичните луѓе - па денес во Пантеонот луѓето од целиот свет им даваат почит на нивните празни саркофази).

Волтер е **шеговит** писател (етичарите обично се многу сериозни), полн е со иронија и сарказам. Се подбива со реалноста која не влева доверба. Истакнувајќи ги парадоксите на човечките односи, станува против конзервативизмот и манипулациите, ги критикува сите неразумни и нечовечни појави. Се двоумел помеѓу оптимизмот, дека луѓето ќе ги надвладеат своите глупости, и песимизмот, дека постојано ќе се случуваат негативни појави во природата и во човечките институции, од кои луѓето ќе страдаат. Но, не советувал предавање, квиетизам, молчење и свиткување на вратот, сокривање пред проблемите - туку *борба*, напор за да се разберат тешкотиите, амбиција за да се претставaт во својата парадоксалност и труд за да се изменат. Тоа го изложувал во бројните книги - неговите собрани дела имаат 99 томови.

Во “Философот незнајко“ расправа за низа проблемски и историски духовни прашања. Иако многу го ценел Џон Лок и прифатил некои од неговите поставки, Волтер не се согласува дека моралот е различен кај народите. Истакнувал дека без оглед на климата, обичаите, јазикот и законите “сите луѓе имаат **иста основа на моралот**“, дека сите имаат сличен поим за праведноста и неправедноста (како што научиле “на парче дрво да ја минуваат реката и без да проучуваат математика“). Кога не би имале ваква општа идеја, луѓето меѓусебно би се уништувале, не би имале никакво општество, во чија основа лежи концепцијата за некаква справедливост. Разумот, како основа за ова, го имаат сите луѓе и тој се развива, покажувајќи им исти нужни принципи на сите народи во разни епохи - и кај примитивните народи и кај оние кои се отидени најдалеку во научните проучувања. Волтер посочува такви принципи, на пример: враќање на позајмените пари, почитување на родителите, несакање да се клеветат луѓето, исполнување на ветеното, сожалување за морално потиснатите, омраза против прогонувањето на луѓето, став дека слободата на мислењето е природно право

(непријателите на слободата не размислуваат, а оние кои не ги почитуваат овие начела му личат на Волтер на чудовишта). Дури и оние кои војуваат или пљачкосуваат, зборуваат при тоа за правдина. Ни нечесните не кажуваат: Ајде да направиме злосторство. Волтер вели: “Моралот ми изгледа толку сеопшт, толку наменет за да служи како контраст на нашите кобни страсти и да ги олесни маките на овој кус живот, што од Заратустра до денес сите философи проповедаат ист морал, иако имаат различни погледи за начелата на нештата“.

Оваа основа за моралот Волтер ја гледа во **здравиот разум**, во умствената сила на човекот да ги согледа и процени нештата. Неа ја имаат сите луѓе, но таа треба да се развие - инаку човекот останува интелектуално скуден. Таа вера во разумот и истакнување на потребата од образование е општа црта на сите **просветители**, а кај Волтер се негова животна ориентација. Дури и кога скептично укажува дека материјалната супстанција постојано ќе остане непозната за нас, како и тоа дека нема да познаеме што е “дух“, тој силно ја бара употребата на разумот во човечките нешта. Заедно со мнозинството најумни луѓе на овој “философски (XVIII) век“, и Волтер учествува во правењето на *Енциклопедијата* (Објаснувачки речник на науките, вештините и занаетите) на Дидро и Даламбер, првата вистинска книга на сезнаењето на човештвото, во која се собрани знаењата за сите проблеми и активности на луѓето. Но, напоредно Волтер ќе прави и свој “Философски речник“, во кој шеговито, иако со горчлив вкус, опишува стотина важни поими од историјата и сознанието - од свој агол.

Ова дело е популарен труд, бидејќи луѓето со радост ги читаат критичките тонови на Волтер за политиката, заблудите, фанатизмите, религијата, горделивата мисла и за моралните ограничувања. По разни прашања тој го искажува својот суд, кој не е само духовно интересен, туку и етички интониран, а со тоа и поучен. Овдека Волтер вградува во етиката еден *интересен метод* - **идентификување и критика на лошите појави** (тоа етичарите го правеа и порано, но никој не така остро и научно образложено како Волтер). За него три нешта се најлоши на светот: **гладот**, **чумата** и **војната**. Од нив најлоша е војната, која се води заради интерес на некого кој е изделен од луѓето и за кого оние кои се борат не ни знаат кој е и каков е. Војната е грда и затоа што самата предизвикува глад и чума. Овие не се единствените негативности во животот и човечкото поведение кои ги критикува Волтер, но овој метод е многу интересен. Не се останува само на апстрактното отфрлање на негативните етички постапки (самољубие, горделивост, нечесност, манипулација и др.), туку се изделуваат (нај)негативните проблеми во современата реалност. Тој метод ќе го прифаат потоа сите социјални критичари и утописти - кои ќе укажуваат, во XIX век, кога мнозина критички писатели ќе ги следат идеите на Волтер, на недостојноста на ропството и на поробеноста, на злото на фанатизмите и на грдоста на искористувањето на луѓето, а денес ќе го развиваат пацифистите, екологистите и оние кои зборуваат за негативноста на насилството и на војната, за лошите односи помеѓу луѓето, а посебно за повредувањето на Природата и за негрижата за здравјето на луѓето. Сите тие настапуваат речиси возникнувајќи го Волтера (и Мајка Тереза ги истакнува истите три најлоши нешта за човечкото живеење како и Волтер во своето време).

Ова е **новината** која ја инаугурираше Волтер во етиката. Тоа е видливо и во неговото напаѓање на нетолеранцијата и во неговата одбрана на страдалниците од застапниците на верската и политичката еднострончивост, кои си земаат “нечуено право душите да ги држат во пранги“. Волтер е храбар **критичар** на духовното и морално злосторство на напаѓачите и величествен

бранител на човечките слободи. Неговото дело “Расправа за толеранцијата“ е едно од најважните за оваа тешка тематика. Тука детално се објаснува злосторството над еден протестант и каква е задницата на верскиот прогон. За Волтер, “здравиот разум не бил подрско навреден“. Тој вели: “Од сите празноверици, зар не е најопасно ближниот да се мрази заради неговото мислење?... Помалку догми, помалку расправии - помалку кавги, помалку неволји“. Не смее да се “гони и мрази свој брат“. Со писма и барања до јавноста Волтер успеа да ја потресе совеста на Франција за да биде исправена неправдата.

Тешко може да се издели која идеја, кој став, која постапка се морално највредни кај Волтер. Тој има направено голем број дела и безброј морални подвизи, кои од него создадоа **најпопуларен филозоф-моралист** во векот на Просветеноста. Волтер и денес ги плени луѓето со добра волја и особено срцата на младите. За тоа придонесува и делото “Кандид“, кое е можеби најпозната книга на Волтер, а која младите многу ја сакаат.

"**Кандид**" е роман за европската младина - која има оптимизам и животна радост. Младите ѝ веруваат на изјавата на еден тогашен дрвен филозоф, дека "овој свет е најдобар од сите можни светови" (идеја на Лајбниц, која овдека Волтер ја иронизира). Но, сé во светот, сé околу луѓето им ги урива надежите - војните, пљачкосувањата, силувањата, палежите, земјотресите, луњите, инквизицијата (која суди според кодошките известувања), насилствата и кражбите, недоразбирањата, играта на судбината... На крајот, по сите случувања низ целиот свет и во рамките на многуте современи историски настани, херојот Кандид, неговата сакана и нивните пријатели наоѓаат засолниште блиску до нас, во предградието на Цариград, сместени во малечка куќичка со градина. Еден стар Турчин им раскажува како живее добро со децата, иако има малку земја: “**Работата нас нé спасува од три големи зла: досадата, порокот и бедотијата**“.

Земаат да ги разгледаат оваа случка и поука. Пријателот препорачува: “Ајде да работиме и да не расправаме. Само така може животот да го направиме поднослив“. Нашите хером работат тоа што го знаат, се борат за живот и си обезбедуваат опстојба. Дрвениот филозоф се обидува да објасни дека тоа е условено од некои најдамнешни поводи и разлози, а Кандид заклучува: “Тоа е убаво кажано, но **треба да ја обработувме својата градина**!“

Идејата на Волтер асоцира на една клучна историска-библиска тема - така и првиот човек Адам требало да ја обработува градината, но не го правел тоа, и сé тргнало наопаку. Волтера најмногу од сé го красела *добра волја*. Тој им посочил на луѓето со својот талент, дело, однесување, животни ставови и поуки дека е најважно да го употребат разумот, да ги разберат нештата, да имаат човечен став спрема состојбите и проблемите; треба да се критикуваат лошите нешта и да се брани она што е суштествено за луѓето. Тоа не било малку тогаш кога Волтер тоа здушно и гласно го правел - а ниту денеска не им е страно на луѓето со добра волја, кои затоа со уживање ги читаат делата на мудриот Волтер и го послушуваат колку што можат.

**Етички мисли од Волтер**

“Моралот е ист кај сите луѓе кои се служат со својот разум.“

“Добродетелта е подобра од неделото, благоста е подобра од жестокоста.“

“На сите луѓе треба да се гледа како на наши браќа... Зар сите ние не сме деца на ист татко и созданија на ист Бог?!“

“Добро е секогаш да се има надеж.“

# 47. Бенџамин Френклин

## КАКО ДА СЕ ПОДГОТВИМЕ ЗА ДОБРО ЖИВЕЕЊЕ



Можеби постоеле и претходни цивилизации во човештвото пред оваа нашата - но во оваа за последните 5 илјади години е реализиран **голем подем на човештината**: од царства до демократии, од неписменост и сиромаштија до информатичка револуција, од затворени општества до глобализација, од почнување да се прават дрвени и метални орудија до доминација на пластиката, од слабо подвижни трговци до интерпланетарни летови, од митови за боговите до митови за забавувачките ѕвезди, од постојана опасност од глад и болести за сите луѓе до глад и болести само за половина човештво, од почеток на експлоатирање на руди до правење технички чуда и смртоносни оружја... Уште многу разни нешта можат да се набројат што се случиле во човештвото и имаат значење за луѓето, како и кои нешта не се искоренети (војни, сиромаштија, омрази, конфликти...), но светот оди напред. Тоа го покажуваме и со нашиот преглед на развитокот на битниот квалитет на човекот како морално суштество од Заратустра, Мојсеј и Питагора до појавата на големите религии, па до Ренесансата и до Просветителството, а подоцна и до модерните времиња и до денешната биоетика.

Во текот на овој развиток **мнозина умни и вредни луѓе** пронашле разни начини како подобро да се обработува земјата, како да се создаваат алатки со кои ќе се прават разни производи, како да се развива градењето, како да се создаваат методи и апарати за истражување на вистината за Природата, како да се браниме од болестите, како луѓето да живеат позаштитено и посигурно. Сето тоа се големи етички дострели на човештвото. При тоа мнозина од ваквите пронаоѓачи и иноватори на живеењето давале и **совети како да се однесуваат луѓето** - првиот филозоф Талес пронашол и маритимна ориентација, како морепловците да знаат каде се на отвореното море, кога не го гледаат брегот, а истовремено бил и морален мудрец со добри изреки. Аристотел, најголемиот антички научник, основач на низа дисциплини, истовремено ја создал формалната логика како моќно орудие на сознанието и го измислил зборот Етика и автор е на најзначајната етичка книга. Рене Декарт и Френсис Бекон развија нови методи на сознанието, а истовремено посочуваа практични постапки за добро морално однесување. Бертранд Расел ја унапреди математиката, а разви пригодно учење за човечката среќа и се истакна во пацифистичките настојувања да се запрат нуклеарните проби, како што во истиот период Лајнус Паулинг ја унапреди хемијата и исто така беше првенец во антинуклеарните протести. Бенџамин Френклин многу стори за човештвото со пронаоѓање на громобранот, а истовремено напиша и поуки за тоа како да се работи и како да се унапредува личната моралност.

**Бенџамин** (Бен) **Френклин** е роден во 1706 година во Бостон. Бил од сиромашко семејство, но никогаш не се предавал - од малечок работел и заработувал. Позната е анегдотата кога како момче заработил 2 парички и си размислувал дали да си купи слатки или да си ги паричките. Решил да заштеди, за чувајќи да има да започне некаква работа. Настојчиво се стегал од можните уживања и на 14 години почнал бизнис (ова во училиштата го учат американските дечиња во првите одделенија, за да разберат какви морални дилеми, идеи и квалитети имал човекот кој толку му помогнал на човештвото и е еден од создавачите на САД).

Френклин се преселил на југ во Филаделфија, отворил дуќан и печатница, објавувал поучни приказни, весници и календарчиња, заработувал малку по малку и имал прогресивни научни и социјални идеи. Тој ја даде една од најубавите, а можеби и најточна **определба на човекот** - дека е "суштество што прави орудија" (tool making animal или homo faber). Самоук научил инженерство, се упатил во новите сознанија за електрицитетот. Во 1752 година го **пронашол громобранот**, еден од најкорисните пронајдоци за човечкото живеење, кој нé ослободува од грижите за електричниот удир од небото, кој инаку годишно усмртувал илјадници луѓе. Имал градски и регионални политички функции. Тргувал со Англија и таму престојувал неколку години. Исто така бил неколку години и во Франција. Бил популарна личност, мила, разбрана, граѓанин со достоинство. Многу убаво знаел да свири хармоника. Во Франција на 60-годишна возраст решил да направи "Мемоари" (1771), за да раскаже како се борел во животот, какви морални начела следел и како луѓето можат да си направат добар план за своето морално ангажирање и успешно живеење.

Френклин се ангажирал и во повисоките политички дејства. Учествувал (со големо влијание) во создавањето на **Декларацијата за независноста** (1776), со која започна не само животот на новата американска држава, туку и за сето човештво се објавија и објаснија новите принципи на слобода, самостојност и еднаквост (што ги охрабри многу народи да се зафатат со борба за своја слобода од колонијално или од економско ропство). Го избраа во првиот Конгрес на САД, Го испратија (1778) за **амбасадор во Франција**, која ја помагаше американската борба за независност, каде повторно разви исклучителни врски со француските мислители. Како блескава личност на научник и борец за слобода, беше своевиден популарен поттикнувач и на слободарската Француска револуција (1789). Почина во Филаделфија само година дена потоа (1790).

Овдека нема да говориме за **етичкото значење на пронајдокот** на Френклин, кој како и сите други научници и пронаоѓачи, му *праваш добро на човештвото*, ниту за неговата политичка активност во државата Пенсилванија, а потоа во новосоздадената САД, што е висок придонес за развојот на својата земја и на слободарските идеи во светот воопшто. Тука ќе укажеме на едноставните поуки на Бенџамин Френклин за личниот ангажман за унапредување на својата личност и на своите добродетели.

Френклин се гледал себеси како сиромашно момче, кое треба да си обезбеди опстанок. И губел и добивал, но видел дека со сериозност, со умно работење, планирање, доследно извршување на дејствата, со умно зафаќање со некоја нова или вносна дејност, со постигнување квалитет, со гарантирање на рокови и со успешен изглед на производството може да заработи пари и да живее послободно, може да се ожени, да создаде и издржува семејство, да биде достоен граѓанин (во "Автобиографијата", која е всушност мемоарската книга, која уште два пати почнуваше да ја допишува, но не ја заврши до смртта - опишува разни личности кои не работеле добро и како пропаднале, како што и

ги пофалува оние со кои соработувал и пријателствувал а биле сериозни и добри луѓе, работници и граѓани).

"Автобиографијата" на Френклин донесува многу интересни случки, за секого кој го почнува или го води својот живот во некоја насока, па своите замисли ги споредува со оние успешните на Френклин, кои можат да послужат како образец, или, пак, тие не успеале, па треба да се внимава такво нешто самите да не си го повторуваат. Таа е многу интересно четиво, етички интонирано и инспиративно, и дејствено и морално. Затоа секој треба да си ја земе и да ја прочита, и во младите години, и во годините кога се зафаќа со бизнис, и подоцна кога веќе му тече кариерата, а и попосле, не за да извлече крајни животни поуки, туку да си размисли за своето живеење и зафати, а и да ужива во убавите реченици, кои научил да ги обликува ова прво бедно момче со малку училиште, потоа млад слабо учен човек присилен сепак да работи во печатница со слог и коректури, потем издавач на разни полезни книги (и заработуваше од тоа до крајот на животот), потоа сериозна личност концентрирана да пишува и интелектуално да се воздигне, потоа еден од најголемите светски научници-пронаоѓачи, потоа пријател со најумните философи и писатели во Британија и во Франција, и дефинитивно најпочитуван човек во својот град, крај, држава и светот. Тоа е **етика на животот**, која може да ја уживаме само од постарите и поискусните, од поитрите и помудрите. кои знаат да ги извлечат принципите и умеат да ни ги раскажат. Така дејствуваат гуруата во Индија - кај нив одат младите јогини или заинтересирани за студии и учат слушајќи ги и следејќи ги елементите на нивната мудра активност.

"Автобиографијата" на Бен Френклин сепак донесува и една огромна **морална поука**, која од неа прави **едно од најинтересните етички дела**. Френклин споменува дека внимавал како да работи и живее, всушност како да се опреми себеси со сили, знаење и добродетели за да постигне она што го посакувал од животот. Знаел дека треба сам да се изгради себеси за тоа. Пишува дека "замислил храбар и напорен проект за постигнување **морално совршенство**". Сакав да живеам, вели тој, но да не запаѓам во *грешки*, да совладам сé што поради природните наклонетости, навиките или друштвото би можело да ме доведе до грешење. Мислев дека знам што е правилно, а што погрешно и не гледав причина зошто не би го правел секогаш првото, а да го избегнувам второто. Но согледал дека си поставил потешка задача отколку што мислел. Бранејќи се од една грешка, паѓал во друга. Склоноста понекогаш била посилна од разумот. Заклучил дека теоретското решение да бидеме беспрекорни не е достатно да нé чува од грешки, да мораме да ги уништиме лошите навики и да ги зацврстиме добрите, за да можеме да се довериме на постојана и доследна исправност на нашите постапки. Всушност, тој ја кажува **најголемата етичка вистина - добродетелта треба да се одгледува** и да се внимава да се постапува според неа, а не наспроти неа.

Потоа Френклин го објаснува **методот**. Се разбира, за сé е потребен начин за постигање, во етиката исто така. Френклин потсетува дека во разни книги сретнувал набројувања на моралните добродетели, но на различни начини. Некои укажувале на воздржаноста од премногу јадење и пиење, а некои барале контрола на сите уживања, страсти итн., сé до скржавоста и славољубието. Тој сам си направил листа - од **13 добродетели**, додавајќи кусо упатство за обемот на секое дејство:

1. *Умереност*

Не јади до прејадување, не пиј до пијанство.

2. *Молчење*
Не зборувај ништо што не може да им користи на другите или тебе; избегнувај празни муабети.

3. *Ред*
Определи му место на секој предмет; определи му време на секој дел од својата работа.

4. *Решенија*
Реши што треба да правиш; без отстапување направи го она што си решил.

5. *Штедење*
Не троши за ништо, освен за она што е користно за другите или за тебе; т.е. не фрлај пари.

6. *Трудољубивост*
Не губи време; биди секогаш зафатен со нешто корисно; прекини со сите непотребни дејности.

7. *Искреност*
Не служи се со лаги; мисли чесно и справедливо, а кога зборуваш, зборувај така исто.

8. *Правдина*
Не прави никому неправда, ниту не пропуштај добро дело, тоа ти е должност.

9. *Воздржливост*
Избегнувај крајности; настојувај навредите да не ги сметаш за зло, сѐ додека мислиш дека тоа го заслужуваат.

10. *Чистота*
Не поднесувај никаква нечистотија на телото, на облеката или во станот.

11. *Спокојство*
Не се вознемирувај заради дребулии или заради обичните или неизбежните настани.

12. *Добродетелност*
Ретко имај полови односи, освен кога станува збор за здравјето или за потомството, но никогаш до заситеност и измачување, или да правиш штета на својот или на мирот и угледот на друг.

13. *Почитување на обрасци*
Угледај се на Исус и на Сократ.

Бидејќи целта му била овие добродетели да ги здобие како **навики**, помислил дека не е добро да внимава на сите одеднаш, туку да ги вежба по ред, па кога ќе ја совлада едната да мине на следната. Размислувал, ако постигне *Умереност* (1), полесно ќе биде да внимава на *Молчењето* (2) итн. Френклин го споменува *Питагора*, кој имал метод навечер да се потсетува што направил, па и тој правел **дневни преиспитувања** и измислил систем со графи и точки. Зел книшка и на секоја страничка напишал за која добродетел станува збор, па ги определил деновите во седмицата кога ќе ги вежба кои добродетели. Така можел на секоја страница да види до каде напреднал, а и дека реално напредува. Се спомнувал на изреката од *Кикерон*: "О философијо, водителке на животот! О истражувачке на добродетелта и гонителке на маните! Еден ден, поминат добро и според твојата ука, вреди повеќе од грешната вечност".

За себи си направил и **молитва**: "О семожен Господе! милосрдни водителу! Зголеми ја во мене онаа мудрост која ми ги открива моите највистински интереси. Засили ја мојата решителност да го извршувам она што ми наложува таа мудрост. Прифати ги моите услуги кон Твоите други деца како единственото нешто со што можам да Ти возвратам за Твојата постојана благонаклонетост кон мене". Или ја користел молитвата од англискиот поет *Џејмс Томсон* (1700-1748): "Татко на светот и на животот, Ти Највише Добро! Подучи ме на доброто! Подучи ме за Себе! Заштити ме од лудоста, суетата и злото, од сите ниски желби; исполни ми ја душата со знаење, свесно спокојство и чиста добродетел".

Бидејќи добродетелта *Ред* (3) барала да направи **распоред на времето**, Френклин си направил програма на дејства за 24 часа:

5-7 Станување, миење и молитва до Семожниот Господ. Ја определувам дневната работа и донесувам решенија за тој ден; продолжувам со тековните студии и појадок. *Посебно прашање* за тој ден: Кое добро ќе го направам денес?

8-11 Работа.

12-13 Читање или преглед на сметките и ручек.

14-17 Работа.

18-21 Сместување на предметите на свое место. Вечера. Музика или разонода или разговор. Преиспитување на денот. *Посебно прашање*: Кое добро направив денес?

22-4 Спиење

Заклучокот на Френклин е дека согледал оти има повеќе мани отколку што мислел. Но имал и задоволство, со текот на времето и дејствувајќи според распоредот, да види дека маните се намалуваат. Вели дека ова му овозможило да има константен **успех** во животот и во работата сè до својата 79-та година, кога ова го пишува. Сакал да напише КНИГА ЗА ДОБРОДЕТЕЛИТЕ, но не стигнал.

Така кај Бенџамин Френклин може да се види како **секој може да ја воспита својата волја**, како може да се изгради својот живот и да се постигне бараната позитивна состојба. Френклин бил и критичар на ропството во Америка, оценувајќи го како грда практика. Кога големиот борец за човекови права **Томас Пејн** (1737-1809) основа во Филаделфија Друштво за ослободување на Црнците (1775), прв претседател беше Бенџамин Френклин.

Френлин направил и дополна за "Автобиографијата", од каде приведуваме само еден негов етички предлот: "Ми се чини дека денес постои голема потреба за основање на една *Обединета партија за ширење на добродетелта*, каде што сите добри и чесни луѓе од сите нации би се собрале во едно признаено тело, во коешто би владееле пристојни луѓе и мудри прописи, коишто добрите и мудрите луѓе веројатно поеднодушно би ги извршувале отколку што обичниот свет ги извршува обичните закони".

**Етички мисли од Бенџамин Френклин**

"Лошите дела не се штетни затоа што се забранети, туку се забнранети затоа што се штетни."

"Никакви квалитети не се соодветни да му донесат благосостојба на сиромашниот човек освен добродетелноста и чесноста,"

"Оној кој дури и на овој свет сака да биде среќен - треба да биде добродетелен."

"Заштедената паричка е заработена паричка."

# 48. Жан-Жак Русо

## ВРАЌАЊЕ КОН ПРИРОДАТА



Во етичката наука нема тајни дејства. Во човечкиот живот и дејствување може да има нешта кои се сокриваат, понекогаш некоја група луѓе, здружение, партија, власта и нејзините органи прават нешто без да му дадат јавност на своите намери и постапки. Тоа може да ги збунува луѓето и да ги возбудува, но понекогаш сме индиферентни кон таквите затскриени акти. Ако при тоа не се повредува никој отстрана, таквото однесување не мора по себе да е морално негативно, не е нужно сé да се иструполи пред сите; понекогаш на луѓето им се советува да не зборуваат премногу или во говорот да не откриваат тајни, особено не туѓите (тоа е морално правило на *дискреција*, да не говориш за она што ти е доверено во тајност или си го дознал случајно). Но етичките сознанија за смислата на моралот и пораките што да се прави за да се постигне определен (најдобар, најпосакуван) морал **не можат да бидат таинствени**. Нив треба секој да ги чуе и да се реши дали ќе ги следи или не. Тие се аспект на Вистината и на Добрината, како врвни вредности. Тука криењето нема функција.

Во епохата на Просветителството имаше многу етички зафати и акции. Прво, животот стана побогат, многу повеќе луѓе беа поимотни, живееа по градовите, со поголем број познати, имаше нови театри, развивани се музиката и операта, а и интенцијата беше да се сменат живеењето и организацијата на општеството, да се подобрат условите и новите знаења да се искористат за среќа на сите. Секако, за некои книги се криеше името на авторот, иако тие мислители зборуваа гласно помеѓу себе и силно викаа за да ги чујат сите, а исплашената авторитарна власт се плашеше од таквата јавност и ги гонеше писателите. Сепак сите тајни излегуваа на виделина, не само со озборување и пренесување на лошите и таговните факти од човек на човек, туку сиот свет вриеше од амбицијата да сознае повеќе и да бидат кажани сите нешта (**Дени Дидро**, 1713-1764, за кого неколку пријатели Французи истакнаа дека го сметаат за најталентиран мислител на епохата, а тој покрај пишувањето свои интересни дела мораше да редактира и објави 35 томови *Енциклопедија*, 1751-1780, и тоа понекогаш со крајно неизвесни средства и без ветени текстови, кои авторите од разни области не ги доставија на време, па немаше кој туку тој самиот ги пишуваше - направи духовита *сатира* "Индискретни убавини", каде женските скриени органи раскажуваат настани и детали од социјалниот живот). Така бараше угнетениот народ во Франција како центар на ваквите расветлувачки сознанија (а исто така и во другите земји), тоа беше и израз на духот на времето. Такви исклучителни јавни познанија за светот и за човекот, за историјата и за иднината, за педагогијата и за етиката донесе Жан-Жак Русо од родната Женева, во која банкарската тајност и сега е непробојна вредност, и кој имаше скромна

позиција наспроти силните "философи", во кои тогаш гледаше целиот свет. Но брзо се расчу и разбра името на младиот човек, неговите зборови ги пренесуваа сите и тие сé уште одекнуваат како кажување на исклучително голем мислител.

**Жан-Жак Русо** е роден во 1712 година во Женева како син на часовничар. Учел за гравер. Со 17 години избегал од калвинистичкиот, строг, религиозно догматски роден крај во блискиот јужен италијанско-француски регион Савоја, каде што го спасува католички свештеник и го прибира богатата госпоѓа де Варен, која го преобратува во католичанство и влијае врз неговиот интелектуален развиток. Ова пријателство со слободумна жена премина во љубовна врска, таа го издржуваше Русо до 1741, кога тој замина во вториот по големина француски град Лион, се запознава со семејствата на некои бележити мислители, а оттаму преминува во Париз. Се издржува со *препишување ноти* - инаку бил талентиран **музичар** и неговите композиции уште се изведуваат. Во 1750 година го пишува *првиот текст* "Научна расправа за науките и уметностите", со кој учествува на конкурсот на Академијата на науките од Дижон "Дали ренесансата на науките и уметностите придонела за исчистување на моралот?" Објавениот текст предизвика внимание кај енциклопедистите, кои го поканија на соработка. Но, збунет од односите во парискиот живот, тој бега назад во Женева, каде во 1754 година повторно преминува во калвинизам. Се поврзува со примитивна и необразована жена Тереза Левасер, со која долго живее вонбрачно и воспоставува брак дури во 1768 година. Во меѓувреме, живее во куќичка на имотот на маршалот Луксембург во Монморанси, покрај Париз, каде што ги пишува најпознатите дела "Нова Елоиза" (1761, сентиментална книга за жените во новата епоха, што е алузија на Елоиза, љубовницата на Пјер Абелар, 1079-1142, која со философот се допишувала со чудесни љубовни писма), "Општествената спогодба" (1762) и маестралната книга "Емил, или за образованието" (1762). Името на Русо стана прочуено во цела Европа, а парискиот парламент заповеди да се спалат книгите и да се уапси авторот. Гонењето од полицијата, и од родниот крај и во Франција, негативно делуваше врз разнишаната психа на Русо, тој почна да се плаши и сомнева во сé и во секого, доби манија на гонење, се криеше и пред пријателите, со мнозинството од колегите имаше конфликти. Неговиот голем почитувач шкотскиот философ *Дејвид Хјум* го покани кај себе, но ни во Британија не се смири и брзо се скара со домаќинот. Почна да пишува едно дело кое ќе биде многу познато, прекрасните "Исповеди", можеби најубавата автобиографска книга на светот. Последното дело му се "Соништата на осамениот шетач". Умре осамен во 1778 година, кусо време по Волтер, кој првин го подржуваше, а потоа немаа контакти, а Русо го сметаше стариот мислител за непријател. Сега саркофазите им лежат заедно во Пантеонот, каде љубителите на мудроста можат да им се поклонат на двата најголеми умови на Просветителството.

Во "Научната расправа за науките и уметностите" Русо објавува шокантен став за таа епоха уверена во општ прогрес, дека **развојот не довел до подем на моралот**, туку до **етичко назадување**. Всушност развитокот го деградирал моралот. Културата и цивилизацијата ја негираат природата, која е извор и основа на животот на вистинското човештво. Затоа треба да се **вратиме кон природата**. Овој став, денес не толку необичен, тогаш значел драстично *отфрлање на цивилизацијата* (Волтер, кој до крајот на животот традиционално носеше перика, иронично во писмо му напиша на Русо дека целиот живот учел да биде господин и сега одбива да оди на четири нозе и да се качува по дрвјата). Русо бараше враќање кон природната изворност и спас од привидната култура, која значи развиток на материјални нешта и губење на човештина, во неа

владеат заблуди, предрасуди, фанатизми и злосторства, таа е далеку од срцето на народот. Само *чистото срце* е знак на вистинска човечност, а во современиот живот Русо гледа само блуд, расипаност, измамништво, коцкање... Затоа бара враќање кон природата, луѓето да станат едноставни, да се отфрлат негативните илузии на совремието. Вистинскиот морал произлегува од природата на човекот, таа е во неговите гради и иста е во сите луѓе, додека новата градска "култура" значи човеково унижување и загубување на моралот. Оваа критика одекна страшно, одеднаш сите почнаа да се подбиваат со филозофот-"селанец" или станаа *натуристи* и почнаа да ја обожаваат природата, за која наоѓаа примери во животот на американските Индијанци или кај жителите на волшебните острови во океаните (**Бернардин де Сен-Пјер**, 1737-1814, голем патник и истражувач, напиша неколку книги во кои ги брани и истакнува ставовите на својот учител Русо, помеѓу кои светски прочуена "Пол и Вирџинија"). Просветителството вршеше притисок врз современиот живот, но мнозина се надеваа дека со возникнувањето и подем на *здравиот разум* ќе се суредат нештата. Русо, спротивно, сметаше дека само свртувањето кон природата, кон едноставноста на живеењето, дека прочистувањето на чувствата ќе го извлече човекот од изветачената, бедна, неморална цивилизација.

При следниот натпревар на Дижонската академија на тема "Која е причината за нееднаквост помеѓу луѓето и дали таа е оправдана со природните закони?" (1754), Русо ја напиша уште попознатата расправа "За потеклото и основите на нееднаквоста помеѓу луѓето". Тој ги критикува и отфрла современите општествени односи како *неприродни*. Тој поаѓа од ставот дека сите луѓе се суштества со *разум* и *слободни*, значи според својата природа се еднакви и рамноправни. Физичката нееднаквост не е суштествена. **Суштината на човечката природа е слободата**. Луѓето најнапред живееле слободно, изолирано, секој за себе. Во современото општество се гледа човечка натрупаност, владее општа нееднаквост на имотите, моќта и на власта. Насекаде доминираат привилегии. Тоа е **општествена нееднаквост**, која според Русо е и политичка и морална. Тој разбира дека со развитокот на човечките потреби се распаднало природното општество од еднакви луѓе и луѓето морале да почнат да соработуваат. Тие се сплотуваат за да ги реализираат заедничките цели. Но при тоа некои **ги користеле своите предности и ги измамиле другите**: "Првиот кој го заградил парчето земја и кажал ова е мое, наоѓајќи луѓе кои му поверувале, всушност е основач на современото општество", таков е прочуениот став на Русо. Современото општество се базира врз правото на сопственост, најнапред се донесуваат закони и права на сопственост, потоа се создава власт, а потем се стига до произволна власт. Постојат **три степени на нееднаквоста**: разлика помеѓу богатите и сиромашните, силниот и слабиот, и господарот и робот. *Деспотизмот* е врв на овој систем на нееднаквост и подјарменост, како апсолутна негација на природната состојба: "Одново сите единки се еднакви, бидејќи не претставуваат ништо". Правото на деспотизмот е право на посилниот, а тоа, вели Русо, не е право, туку користење на сила. Русо заклучува: "Системот се одржуваше со насилство, со сила ќе биде урнат". - Тоа се историските предвестувања, кои ги прифатија масите при Француската револуција, а најсилната група *јакобинците* го истакнуваа Русо како свој инспиратор.

Во статијата за Енциклопедијата "Општествената спогодба" Русо говори дека владетел-суверен треба да биде *општата волја на народот*. Добрата држава се потпира врз справедливоста и патриотизмот на граѓаните, како и врз еднаквоста на имотот. Тогаш државата е рационална. Русо е застапник на

теоријата на државата врз основа на општествениот договор (која беше мошне популарна во Новиот век). Текстот Русо го започнува со прочуената реченица: "**Човекот е роден слободен, а секаде е во пранги**". Тој се противставува на Хобсовата идеја правата на единките да му се препуштат на суверенот, зашто тоа би било право на посилниот, а сушноста на ваквото спогодување е да се втемели добро општество и да се сочуваат слободите и еднаквоста од природната состојба. Општествената спогодба мора да гарантира дека во општата волја ќе биде сачувана волјата на секоја единка. Општата волја значи создавање на ново правно единство, кое е изразено со бројот на гласовите во парламентот. Тоа се нарекува **република,** која претставува држава, нејзините членови се целиот *народ*, а единично *грађаните*. За Русо новата состојба помага да се надминат недостатоците на природната состојба. Во државата секој член се развива и се воспитуваат неговите физички и морални карактеристики. Со ова човек од "тапо и безимено животно создал од себе умно суштество и граѓанин". Тука се гледа дека идејата за враќање кон природата според Русо значи изградба на **слободна граѓанска држава**, во која луѓето се достојни граѓани и суверени владетели. Русо наспроти Монтеskје (са својата идеја за 3 власти) застапува идеја за неделив и неотуѓив суверенитет на целиот народ, т.е. за единствена власт на народот, зашто само народот може да донесува закони и да ја претставува единствената власт како целост. Чиновниците се само слуги на народот и нив народот може секогаш да ги отпушти. Од 3 вида власт - аристократија, демократија и монархија (што го изразува бројот на оние кои управуваат), најпрактична е избраната аристократија или демократијата са неколку избрани (така било подоцна за време на Теророт, 1792-1794, кога владееле јакобинците).

Дури и за религијата важи правилото на суверенитетот на народот. Државата може да воспостави верски обичаи, кои секој грађанин мора да ги извршува, а неговиот личен култ е приватно право. Треба да се укинат имотот и привилегиите на црквата и таа да се оддели од државата. Јакобинците воведоа *Култ на Највише Суштество*, кој се славеше јавно со голема помпа, а нивниот водач *Максимилиен Робеспјер* (1756-1794) беше главен раководител на обредот.

Разгледување на единката како природно суштество Русо даде во книгата "**Емил**, или за воспитувањето". Оваа книга предизвика необично интересирање (дури и научникот и голем филозоф Имануел Кант од Кенигсберг, Источна Прусија, чии прошетки точно во определен час биле пословични, па луѓето според нив ги навивале часовниците, само еднаш се откажал, кога му пристигнала книгата "Емил" и тој останал дома да ја чита). "Емил" не е само педагошко дело, иако е едно од најзначајните светски педагошки трудови, туку пред сé портрет на млад граѓанин кого го чека иднина и кој соодветно ќе се подготви за неа. За Русо вистинското воспитување претставува **преобразба во природен човек**, бидејќи современиот човек допрва треба да стане природен. За тоа е потребна и промена на човекот и менување на условите на неговото живеење. Целта е новиот човек да стане **рационален**, умен. Бидејќи човекот според Русо е осамена единка, мора да учи **во природата**, далеку од влијанието на општеството, коешто би го расипало. За него е суштествено само влијанието на природата. Како познатата "празна табла", неговиот ум ќе ги прима впечатоците по ред и ќе се развива во хармонична личност слободна од секое лошо општествено влијание. Во раната фаза воспитувањето е само физичко; од 2-та до 12-та година се вежбаат сетилата, целта е развиток на забележувањата; со 16-та година се работи врз интелектуалните способности, а по тоа настапува моралното воспитување. Потем следи сексуалното воспитување, за сексот да се насочи правилно и да се усогласи со природата. Во неприродната состојба луѓето се себични и не мислат на општото добро, додека во природната состојба прво е општата полза, хармонизирана со љубовта кон себеси. Кога ќе

созрее за брак, Емил се жени со Софија, т.е. со идејата на мудроста. Така завршува природното васпитување, кое е различно од вообичаеното, во кое не се води сметка за единката која се образува, нема очигледна настава, запоставено е единството на интелектуалното и моралното воспитување и нема грижа за физичкото и работното воспитување. Тоа се сé новини кои на светот му ги предложи Русо.

Тако слично е оригинална и неговата доктрина за **природната религија**. Русо смета дека обредити ја расипале природната религија и бара враќање кон неа. Под влијание на женевскиот калвинизам, тој ги отфрла сите посредници помеѓу Бог и личноста, на која ѝ е неопходен непосреден, изворен, личен контакт со Највишето Суштество, кое во секое човечко срце всадило природно религиско чувство.

Бог е највише морално суштество и Божјите заповеди се всушност **морални**. Човекот според природата е *добар*. Затоа човековиот **најголем квалитет е совеста**, која га воздигнува до ликот на Бога. Русо пишува: "О, совест, совест, ти божествен нагоне, бесмртен и небески гласу, доверлив водителу на неукото и ограничено, но интелигентно и слободно суштество, **непогрешлив судијо на доброто и злото**, кој на човекот му даваш сличност со Бога, кому му благодариме за совршенството на својата природа и за моралноста на своите дела".

Овој морален пледоаје се вклопува во целата слика на Русо како мислител, кој даде бележити придонеси за согледувањето на психичката структура на човекот и на социјалните аспекти на човечките односи. Тој укажа на нужноста од *развивања на чувствата*; иако како сите просветители го пофалуваше разумот, бараше блиска врска *со природата*, која искрено ја сакаше, инсистираше на *поприродното образование* (а со тоа и на подоброто човечко живеење), на *похуманото однесување кон жената* (во книгата "Јулија, или нова Елоиза", која беше мошне популарна во целиот модерен свет), итн.

Посебно е значајна неговата **критика на напредокот**, поточно на **лошиот напредок**, зашто не беше конзервативец кој би го бранел минатото, туку хуманист кој бара човечно однесување. Тој приведе низа примери кои водат кон *назадување на хуманите елементи* кај луѓето. Според Русо, човекот е природно добар, но тој не смее да биде расипуван од цивилизацијата. Прогресот на науката, уметноста, техниката и стопанството не треба да води кон губење на здравата природна хармонија со природата.

Во активистички, просветитељски дух, Русо предлага **враќање кон природата**, за со тоа да се спаси човештвото. Тоа сепак не би значело враќање кон најстарите состојби и надминати релации, туку помодерно и поумно користење на цивилизациските дострели. Но Русо секогаш инсистира на вврaќањето кон природностаг, така што тоа стана негов философски лозунг.

Ова прашање денес е поактуелно и повеќе не е тако апсурдно како пред 250 години. Цивилизацијата напредуваше со огромни чекори и почна да ја уништува Природата, па сé повеќе зборуваме за нужноста од **хармонија со Природата**. Толку е блиска до умот и другата идеја на Русо за нужности од осмислување на современата заедница и држава и за поставување нови норми за нивно правилно организирање, за на луѓето да им се овозможи среќа. Тоа не извира од природата, туку е дело на луѓето. Тоа е смислата на **општествената спогодба**, како извор за правото и за државното уредување во современиот свет. Заедниците треба да бидат *суверени* и *слободни* граѓански општества, во кои извор и темел на секое право ќе стане *општата волја*. Русо беше застапник на идејата за слобода, го почитуваше единството на човековите чувства и разум, бараше креативност на умот и се надеваше на нов вид човечки односи. Силно влијаеше врз *романтичарскиот* дух, кој наскоро ќе се појави, а веќе рековме колку беа важни неговите идеи и зборови за револуционерниот дух во Франција, а потоа и во

другите европски и јужноамерикански земји. Тој така ги исполни најважните задачи на неговиот просветителски ангажман, со кој се навестува нова етика.

**Мисли на Жан-Жак Русо**

"Општествениот систем е свето право, кое служи како основа за сите други права."

"Природната состојба на човекот не постои повеќе, а можеби никогаш и не постоела и веројатно нема да постои - но за неа треба да имаме исправни идеи, како би можеле добро да ги просудуваме нашите сегашни состојби."

"Колку злосторства, војни и убиства, колку неволји и страдања би му заштедел на човечкиот род оној кој тогаш (кога оној прв насилник го обележа својот имот), фрлајќи ги тие белези и покривајќи ја направената меѓа, би им викнал на своите ближни: Не слушајте го измамникот, ќе пропаднете ако заборавите дека плодовите на земјата им припаѓаат на сите, а земјата на никого!"

"Некој мисли да е господар над другите, а сепак е поголем роб од нив.".

# 49. Клод Хелвециус

## КОРИСТ И ДОБРИНА



Големите епохи на човештвото имаат исклучително етичко значење. Ним им претходи криза, која се пројавува и како криза на моралот, но новите ери се исполнети со етичко значење и ги поттикнуваат луѓето на **етичка креативност**, на создавање нови цели и вредности. Така било кога *Александар Македонски* го освојуваше светот и ништо натаму не беше како порано (штета што умре млад, не можеше да ја заврши започнатата преобразба) - новата цивилизациска форма ги поврзуваше народите и културите, правеше единство без омраза и дискриминација. *Хеленистичката епоха* не само што се изрази на огромен простор, туку значеше и подем на знаењата, науките, верите, техниката... (тоа особено се случуваше во *Александрија*, како најголем научен центар сé до модерните универзитетски центри и библиотеки). *Христијанството* всади не само универзална верска поврзаност, туку и реално единство на континентално ниво и нов морал. Цар Константин, прогласувајќи ја новата вера за официјална религија на Царството и селејќи ја престолнината во Визант, започна невидена *преобразба*, изградба, идејни судири, ширење на културата. Имало и назадување на развитокот поради преселбите и бранови на неуките пљачкосувачки народи, но создавана е основа за реконструкција на светот и за нов школски и научен систем (истото го поттикна исламот на источниот Медитеран и во западна Азија). *Ренесансата* значеше не само пронаоѓање и повторно будење на старите сознанија, туку и подем на сознанијата и отворање на душите за нова духовност, нов морал, раширени дејности, за поактивни социјални ставови и животна организација. Истовремено започнаа и *откритија на нови светови* и поврзување со нив, што ќе води до нови потреби, амбиции, богатства и нови производи (но ќе има многу злосторства спрема неразвиените домородци, големи кражби и човечки уништувања, страдања и нов пораст на ропството - но и тие негативни пројави ќе поттикнат морални прашања и до денес ќе влијаат врз позитивните морални вредности).

Од сето тоа се зароди **општ развиток** - покрај дотогаш недоживеаната трговска и сообраќајна раздвиженост, заедно со силниот подем на мануфактурите и со зачетоците на индустриската револуција (кои ќе донесат нови состојби, проблеми и етички предизвици). Новата ера се изрази како *Просветителство*, како сон на човештвото за поголеми сознанија и за отворање на душата за нови морални вредности. **Просветителството е најзначајна етичка идеја и дејност на човештвото**. Најголемиот културен празник на словенскиот свет Светите Кирил и Методиј (кој го одбележуваме на 24 мај) е и еден од нашите **етички празници**. Тогаш, напоредно со потсетувањето на огромната просветна дејност на првите словенски просветители и заедно со одбележувањето на дострелите во образованието и во националната култура, се слави и големата мисла на човештвото - дека со личните и заедничките дострели во образованието паралелно оди и усовршувањето на луѓето во осмислувањето на животот и во правењето добро себеси, на ближните и на светот.

Иако во Новиот век најразвиена нација беше холандската, пред сé со морнарицата, трговијата, обработката на дијамантите, сликарството, а посебно со афирмирањето на слободата на мислењето (со што и денес предничи во светот), полето за просветителскиот размав, кој се случуваше во цела Европа (па и во Турција и подалеку на Исток), беше сконцентрирано во Франција, во **Париз**, како најубав и најразвиен град на светот. Таму "философите", **мислителите со нови идеи**, ги разбркуваа старите духовни магли и бараа да засвети ново сонце на слободата, на образованост и на достојна етика.

Во етичка смисла огромно значење имаат целото Просветителство, создавањето на Енциклопедијата и конечно Француската револуција. Од научните и теориските етички аспекти значајни се делата на сите француски просветители, од Монтескје и Волтер до Русо, Дидро, Холбах, Кондорсе... Во однос на граѓанската етика, со реални согледби и актуелни вредности централно е учењето на **Хелвециус**, околу неговата етичка замисла може да се сконцентрира целата суштина и динамика на француската просветителска етика.

Пред Хелвециус голем придонес даде **Шарл Монтескје**, барон, роден во 1689 година во дворецот Ла Бреда кај Бордо во стара гаскоњска фамилија. Се здобил со извонредно класично образование, што ќе се изрази во неговите клучни дела. Бил советник на парламентот во Бордо, а потоа негов претседател, како наследна семејна титула (регионалните и локалните парламенти имаа само судска функција, кралот беше единствен законодавец во земјата). Но Монтескје повеќе се интересирал за науката и културата. Објави едно исклучително интересно дело "Персиски писма" (1721), во кое двајца посетители од далечната земја се подбиваат со состојбите, мислењата и особено со моралот во Франција (ова дело уште е популарно). Решава сосема да се посвети на науката и заминува да живее во Париз, не само главен град на централизирана Франција, туку и духовен центар на светот. Станува член на Француската академија и патува низ цела Европа да собира материјал за своето капитално дело "**Духот на законот**" (1748), кое го работеше 20 години. Ова е *базично правно дело* на современиот свет, а со тоа и исклучително етички значајно. Монтескје ја изложува теоријата за **три власти** - *законодавна*, *извршна* и *судска*, со што дава идејни основи за надминување на автократијата и за изградба на живот врз основа на иницијативноста и силата на граѓаните.

Прекрасната личност и духовитост на Монтескје најдобро се согледува во едно негово искажување достојно за голем модерен философ: "Кога нешто во мене би можело да биде корисно, а би му нанесувало штета на моето семсјтво, јас тоа би го исфрлил од мојот дух. Кога би знаел дека нешто е од полза за моето семејство, а тоа не би било корисно за мојата татковина, јас би се обидел тоа да го заборавам. Кога би правел нешто корисно за мојата татковина, а би било штетно за Европа, односно кога тоа би било корисно за Европа, а штетно за човечкиот род, јас тоа би го сметал за злосторство - бидејќи *нужно сум човек*, а случајно сум Французин". Таква *космополитска* свест и однос развивале француските философи-просветители.

Етичките идеи и придонеси на великаните **Волтер** (1694-1778) и **Жан-Жак Русо** (1712-1778) ги објаснивме во посебните прилози. Во таа епоха мошне се активни и значајни двајца маестрални научници - философот **Дени Дидро** (1713-1784) и математичарот **Даламбер** (1717-1783), секретар на Академијата. Дидро живеел како слободен писател, со многу финансиски проблеми и постојано прогонет од властите, кои силно ги критикува. Има напишано значајни сознајни трудови, а творец е и на оригинален естетички систем. Најзначајното негово

дело е замислата и изведбата на најголемото издание на векот - "**Енциклопедија** или Образложен речник на науките, уметностите и занаетите" (1751-1772), во 35 томови, кого го подготвуваа заедно со Даламбер (кој напиша прочуен Предговор). Во Енциклопедијата со свои прилози учествуваа сите креативни мислители. Со амбицијата и со зафаќањето на најзначајните дејности и сознанија на таа епоха, тоа беше *етички најзначајно дело* и ексклузивен пробив во новиот дух на времето.

Зошто го истакнуваме **Хелвециус** како *првенец во етичка смисла* во тој броен философски и научен конгломерат, во кој секој творец даваше огромен етички придонес на светскиот развиток? Затоа што даде објаснување што се случува во граѓанската етика во тој миг, а и што е таа како вид типичен етички однос и како ќе треба да се движи нејзиниот творечки пат.

**Клод Адриен Хелвециус** е роден во Париз во 1715 година во старо благородничко семејство, кое потекнува од Холандија. Се школувал кај језуитите, но рано ја запознал философијата на Џон Лок и станал приврзаник на емпиризмот. Со 23 години добил вносно место на генерален застапник на данокот, каде се запознал со притисоците на феудалците врз народот. Правилно ја извршувал должноста и ги бранел страдалниците селани, но заклучил дека така не може многу да се постигне. Во 1751 година ја напуштил позицијата и се посветил на философијата, која тогаш стануваше најпрестижна професија во Франција. Организирал прочуен салон, во кој редовно доаѓале најзначајните научни личности на разговор и анализа на современите збиднувања. Инспириран од дискусиите, направи книга "За духот" (1758), која го прослави во цела Европа. Книгата е осудена и спалена. Хелвециус тргна на пат низ Европа. Умрел во 1771 година, а следната книга "За човекот, за неговите интелектуални способности и за неговото образование" е објавена постхумно.

Во предговорот на книгата "За духот" Хелвециус ја изложува својата **етичка програма**: "Кон моралот треба да се однесуваме како и кон другите науки и моралот треба да го создаваме како некој вид експериментална физика". За расправиите во философијата предлага да се направи спогодба за точна употреба на зборовите, со што ќе се избегнат недоразбирања. За духот и сознанието смета дека не се нешто вродено, туку резултат на впишувањето на осетите врз умствената "празна плоча". Човекот располага со две пасивни сили - чувствителност за примање впечатоци и способност за нивно помнење-чување. Судењето значи споредување на разни осети и наоѓање на врска помеѓу нив. Посебно предупредува дека врз сознанието влијае трудот и дека *трудот и раката* го создале човекот, мислењето и јазикот. Етиката стапува на сцена кај прашањето на вистинитоста на сознанието. Хелвециус истакнува дека првите заблуди кај нас настануваат од *страстите*. Под нивно влијание нештата ги гледаме искривено. Вториот извор на заблудите е *незнаењето*, третиот *различната употреба на зборовите* (незнаењето на нивното вистинско значење).

Што се однесува до моралот, и **моралните судови зависат од осетите и чувствувањето**. Сите судови изразуваат *пријатност* или *непријатност*. Етиката треба да докаже дека **интересот е единствената основа** врз која се базира сета наша дејност, па е и база за избор и изградба на вредности. Секое дело го оценуваме како *добро*, *зло* или *забрането*, во зависност од тоа дали за општото добро тоа дело е корисно, штетно или индиферентно (слично стоиците воведуваа "трет вид дејства", без морално значење, *адиафора*). Сé разбира дека поимот "интерес" не се однесува на материјалната корист (на тоа ќе укажуваат и

утилитаристите), туку станува збор за она што може да биде пријатно или непријатно, да ни донесе задоволство или да нé направи несреќни.

Значи, во животот човекот бара сетилни уживања. Моралните дејства се израз на физичките потреби. **Добро е она што е корисно за нас**, зло е она што не ни е корисно, што ни создава штета, што не ни е пријатно. Тогаш Хелвециус го потегнува научното сознание - **човекот е егоистичко суштество**. Егоизмот е извор и мерило за сите човекови планови и дејства. Тоа е основа за граѓанскиот морал разбран како интеракција на сличните субјекти во општеството. Дефинитивното самољубие како единствен извор на моралот Хелвециус го диференцира со истакнувањето дека **егоистичките цели се постигнуваат само со реализирање на општото добро**.

Потоа Хелвециус објаснува "како научник", во името на експерименталната физика, што се случува во моралот кај различните личности. Луѓето се раѓаат **еднакви** - тоа е *нова цивилизациска поука*. Тоа значи, имаат исти својства и дарби и подеднаква умна и физичка сила. Тоа што едните се разликуваат од другите зависи од надворешните влијанија. Основно е она што го прави образованието, во кое спаѓа и делувањето на средината, на климата и на видот на власта. Од интересот, кој е базичен за човековите ориентации, зависи диференцираноста на сетилата, на фантазијата и на концентрацијата. При сето тоа важни се и страстите. За Хелвециус, "во моралот страстите се она што во физиката е движење". Страстите нас нé поттикнуваат на дејства и зафати. Ако страстите се негативни, тие ги загрозуваат другите луѓе, на пример амбицијата да се владее над луѓето. Затоа страстите треба да се контролираат и да се насочат кон општа корист.

Сега доаѓа **откритието на Хелвециус**. Имено, моралот значи исправно однесување на единката. Тоа се добива со влијание врз егоизмот, за да не ја влече личноста кон полза која ќе повредува други луѓе, а ќе си нанесува штета и на самата себе. *Моралното воспитување* не треба да се препушти на случајноста, бидејќи со планирано и добро изведено образование може да се добијат генијални луѓе. За таа цел **воспитанието**, кое го контролира и насочува државата-општеството, како и самата **држава** со своите добри прописи, насочувања и санкционирање, ја обликуваат свеста на човекот кон "**доброразбран егоизам**" - тоа се *двете сили на облагородувањето* на природниот егоизам.. Човекот, според Хелвециус, не се раѓа ни добар ни зол, туку општеството може да го направи таков: "Среќа на некоја нација е резултат на моралното законодавство".

Мислителот Етјен Боно де **Кондијак** (1714-1780) развива интересна слика на човекот како суштество со потенцијали но без развиени сетила и душевни способности. Тој замислува *статуа*, која нема никакви претстави. Таа постапно добива осети, кои влијаат да се развиваат нејзините сетила, моќи и сознанија. Другиот мислител од тој круг е лекарот Жулиен Офреј де **Ламетри** (1709-1751), кој напиша значајно дело "**Човек-машина**", во духот на современиот каузализам: "Човечкото тело е машина која сама ги навива своите федери". Сé кај луѓето и животните потсетува на вечното движење. За моралот Ламетри кажува дека е "природен закон", кој им е присушт и на луѓето и на животните како интимно чувство за доброто и злото. Според Ламетри, природата нé создала нас да бидеме среќни и етиката помага да си ги пронајдеме задоволствата и пријатноста. Основното уживање е телесното, но воспитувањето нé облагородува да се воздигнеме до духовните задоволства (Ламетри е еден од оние Французи кои напишале книга за *Епикур*, како бележит филозоф на духовните задоволства).

Прочуениот современик Паул Дитрих **Холбах** (1723-1789), од богато германско благородничко семејство, по студиите на природни науки доаѓа во Париз и добива големо наследство. Се поврзува со енциклопедистите и се истакнува со хуманизмот и борбеноста. Го сметале за најрадикален философ во Франција. Бил најплоден писател од овој круг - базични дела се обемниот "**Систем на природата**" (1770) и атеистичката критика "Разголеното христијанство" (1756). Големото дело расправа за законите на физичкиот и на моралниот свет. Својата задача Холбах је образложува со амбицијата да им помогне на луѓето да бидат среќни. "Човекот е несреќен затоа што не ја познава природата". *Моралниот свет е само посебен случај на физичкиот свет.* Природата е единство на сите сили, во неа сé е материјално и во движење, секоја причина предизвикува последица. Етиката, според Холбах, е еден вид физика. Неговото учење е слично како она на Хелвециус, но акцентот е ставен не врз егоизмот, туку врз општествените вредности. Моралот треба да помогне да се пронајдат средства за постигнување среќа на човекот. За тоа, човекот треба да се стреми кон она што му донесува корист, а да го избегнува она што му прави штета. Среќата значи задоволства, но претераното уживање преминува во непријатност и болка, па умниот секогаш ќе внимава и ќе биде умерен.

Холбах умре во годината на Револуцијата 1789-та. Тој голем настан го подготвија француските философи-просветители и енциклопедисти. Револуцијата донесе историски лозунг "**Слобода-Еднаквост-Братство**" со најважно **етичко значење** за целиот досегашен живот (современиот француски етичар *Жак Атали* вели дека е постигната слободата, дека сите сме свесни за еднаквоста и ја поддржуваме, но дека уште не е реализирано *братството* - што би требало да биде задача на натамошниот развиток на човештвото како поврзана заедница и на идните суштествени вредности на Универзалната етика). Револуцијата донесе и **Декларација за правата на човекот и граѓанинот**, друго важно етичко остварување, покрај укинувањето на кралството и угнетувачката аристократија, одземање на огромните имоти на Црквата, создавање модерна француска држава, нов правен систем и ослободено образование. Со тоа слободарски се инспирираа луѓето во многу краишта на светот и создадени се и други слободни држави по Европа и во светот.

Сите тие *клучни современи промени*, како и во претходните големи епохи на човештвото, засекогаш ќе ги сменат човечките мисли и визии - а **етиката ќе стане поинаква**, секако и под влијание на француските просветители.

**Етички мисли на Хелвециус**

"Трудот се смета за зло затоа што во мнозинството држави само со претеран труд се добиваат потребни средства за живот и затоа што идејата за трудот секогаш предизвикува во чувствата идеја на страдање."

"Работата е добро."

"Ангажираниот човек е среќен човек."

"За да се усоврши моралното воспитување, треба да се насочи според планот кој соодветствува на јавната полза и да се базира врз едноставни и непроменливи принципи."

# 50. Имануел Кант
# ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕЧКОТО ВО СЕБЕ



Во различни култури, во диференцирани услови, од разни причини, за етичките прашања се даваат специјални одговори, во кои се истакнуваат различни основни цели и врвни вредности на етиката. А кога луѓето сакаат да го пронајдат она што секако треба да ги води во моралот, она што треба обврзно да ја насочува нивната волја, она што ќе го исполнува нивниот живот со морално значење кое ќе ги задоволува, а истовремено ќе им дава оправдување за нивната етичка ориентација и постапување - тогаш бараат **едногласно и општоважечко решение**. Постои еден таков етички принцип. И кога тоа некој не го сака, или за него се мисли дека е премногу крут, за него сепак се води сметка, а го критикуваат и отфрлаат само оние кои се подбиваат со моралот или одбиваат да ги следат вредните морални норми. Тоа врвно решение го изложи и образложи Имануел Кант, кој си постави апсолутна задача - да пронајде што е тоа што човек го прави од почит кон самиот морал и што е тоа со што, ако не постапува така, јасно покажува дека не ги почитува ни етиката ни човечкото во себеси. За Кант **почитувањето и извршувањето на должноста** е основа на моралот како величествена дејност, со која човекот се истакнува како особено суштество.

Кантовите погледи за значењето на моралот се искажани со овие *најпознати зборови на светската философија*, кои се и *химна на етиката*:

“Две нешта ја исполнуваат душата со секогаш понов и сé поголем восхит и страхопочит колку што размислата почесто и поистрајно се занимава со нив: тоа се **ѕвезденото небо над мене** - и - **моралниот закон во мене**. Нив не треба да ги барам и просто да ги насетувам како сокриени во темнина, или во бескрајот надвор од мојот хоризонт; јас нив ги гледам пред себеси и непосредно ги поврзувам со свеста за моето постоење...

Второто од овие нешта започнува од моето невидливо Јас, од мојата личност, и ме претставува во еден свет кој навистина е бесконечен..., а јас се сознавам себеси дека сум со тој свет не чисто случајно, туку општо и нужно поврзан... Оваа втора слика ја возвишува бескрајно во мојата личност мојата вредност како едно разумско суштество, при коешто моралниот закон мене ми открива живот независен од она што е животинско и од сиот сетилен свет.“

Тоа Кант го напиша во “**Критиката на практичниот ум**“, која, покрај Аристотеловата “Никомахова етика“, е **најпозната светска теориска книга за етиката** (“Критиката на практичниот ум“ ја преведов и објавив на македонски јазик, изд. Метафорум, 1993). За Кант нема дилеми, како што нема за ниеден добар и морален човек на светот, дека **добрината, етичкото однесување и извршувањето на обврските се основни човечки карактеристики**. Тие човекот го

прават човек, со нив тој ја искажува својата суштина и благородна задача на доблесен престој на земјата.

**Иманиуел Кант** е роден во 1724 година во Кенигсберг (денес Калининград, како најголемо место во Источна Прусија, сега руска енклава на Балтикот). Во своето место изучил, бил наставник и пишувал, не напуштајќи го никогаш. Бил најпрочуен професор на времето. Тој го објаснил настанувањето на Сончевиот систем и на Земјата од вртењето на вселенската маглина и од ладењето на ѕвездената маса, што е познато како Кант-Лапласова теорија. Во "**Критиката на чистиот ум**" (1781), едно од **најпознатите философски дела на сите времиња**, тој мошне оригинално ја објасни природата на човечкото мислење. Тука дава еден вид генерална програма за човекот и философот: **Што можам да знам? Што треба да правам? На што можам да се надевам? Што е човекот?** Кант е исто така значаен естетичар, теоретичар на религијата, педагог, истражувач на Универзитетот, чии идеи уште се цитираат. Тој сакал да ги води луѓето по правилните животни патишта, за што, според него, тие *самиӣе* се одговорни - тој му дава големо значење на човечкиот субјект. Ја создал и книгата "**Вечниот мир**" (1795), со која бил првиот доследен антимилитарист, пацифист, говорел против држењето војски и водењето војни меѓу државите. Починал во 1804 година, како најславен мислител. Кога великиот философ Хегел сакал на студентите да им посочи вистинска философска книга, која ќе ги научи да философираат, им давал како задача да ги читаат делата на Кант.

Кант напишал **три етички дела**, сите мошне значајни за теоријата на човековото однесување: "Основите на метафизиката на моралот" (1795), "Критика на практичниот ум" (1788) и "Метафизиката на моралот" (1797). Во сите негови дела, како и во неговите сочувани предавања, провејува восхит за **моралот како суштина на човечкото**, на човештината во човекот.

Кант не ја мистифицираше етиката како некој вонреден занес или талент на човекот. **Етиката е јасна основа на човечкото живеење и причина за неговиот квалитет**. Кант ја опишува етичката димензија на човечкото живеење. Во неговите идеи сренуваме симбиоза - на интелектуалната анализа на моралот на строгиот протестантизам, на граѓанскиот дух на одговорност и исполнителност и на етичката ригорозност на еден врвен, неопходен етички принцип, каков што е должноста, како главна и единствена смисла на етичкото. Во концепцијата за должноста и за нејзиното обврзно исполнување се обединуваат автономијата на моралот, слободата на волјата која го одбира најдоброто, моралниот квалитет на личноста која се стреми кон совршенство, духот на моќното граѓанство како аристократија на моралот, за која позиција граѓаните треба самите да се изборат. Всушност Кант ја изразил духовната смисла на граѓанството, кое тукушто ги беше заменило во водењето на историското движење аристократите по род.

Кант ја опејува должноста како единствен, неумитен и апсолутен етички принцип, кој не бара ништо освен негово исполнување, а дава и обезбедува сé, најнапред морална самосатисфакција:

"**Должност!** - ти возвишено, велико име, ти што во себе не содржиш и не подразбираш ништо своеволно, ништо што со себе носи додворување, туку бараш потчинување... Ти само поставуваш еден закон кој самиот од себе наоѓа влез во душата и кој самиот за себе си прибавува почитување..., пред кое замолчуваат сите наклоности, дури и ако скришум работат против него... (Твојот извор) не може да биде ништо помало одошто она што го воздигнува човекот над него самиот."

За ваквиот оптимистички поглед на радосното извршување на обврските Кант даде прочуен етички лозунг: **Треба, значи можам!** Мораш, значи можеш! Колико тука има концентрирано верба во човечката неумитност и моќ?! Никој не смее да не го направи она што му припаѓа да го изврши (според позицијата, како социјално суштество, како човек) - она што мора да биде сторено, а тоа треба јас да го направам, тоа секако можам да го исполнам.

Должноста претставува непосредно почитување на моралниот закон. Оној кој сака да го уважува моралот како израз на човечкото во себе, тој ја извршува должноста, како што **извршувањето на должноста е вистински израз на човекувањето**, во кое најпрвин е вклучено следење на етичките принципи. Кант вели:

“Моралниот закон е **свет** (неповредлив, ненарушив). Човекот, навистина, е достатно не-свет, но човештвото во неговата личност мора да му биде свето. Во целиот создаден свет, сето она што се сака и каде што тоа може да се употреби и просто како средство - само човекот, а, со него, и секое умно создание, е цел сама по себе. Имено, тој е субјект (извршител) на моралниот закон, кој е свет благодарејќи на автономијата на човековата слобода. “

Кант пледира за **живеење и однесување достојно за сушноста и величината на човекот**. Станува збор за човечката личност, која побудува почитување, која ја изразува возвишеноста на човечката природа. Кант посочува: “Зар еден чесен човек, во најголемата животна неволја, која би можел да ја избегне само кога би ја пренебрегнал должноста, не го одржува уште сознанието дека сепак го сочувал достоинството на човештвото во својата личност, така што не треба да се срами пред себеси и нема причина да има страв од внатрешното себеиспитување?... **Човекот не може да поднесе во своите сопствени очи да биде недостоен за живеење**.“

Затоа, според Кант, за човекот е основно и најважно откривање и следење на чистиот морален закон, зашто тој ни овозможува да ја почувствуваме возвишеноста на нашето постоење. Почитувањето на моралот е нешто достоинствено, тоа нема ништо заедничко со животната наслада. Должноста и животните уживања не се мешаат. Кант ги критикува и за етиката ги отфрла евдајмонизмот (барање на среќа), егоизмот (желба да се задоволуваат своите цели) и утилитаризмот (стремеж кон корисноста), т.е. секое дејствување од некоја страст и наклонетост. **Етиката не е дејствување за постигање на некои цели**, сеедно какви се; таа не е поврзана со присилно делување, кога нешто го тера човекот да постапува вака или онака - затоа што **основата на човечкото постоење и етичко дејствување е слободата**; етиката не се справува ни со постапките со кои се сака да се угоди некому или да се стори нешто (дури добро) некому. Ова се однесувања предизвикани од некои други цели, а не од самото почитување на моралот како таков. **Етично е само дејствувањето со коешто се почитува човечкото во себе**, изворната вредност на човекот како морално суштество, значи кога се извршува моралниот закон.

Етиката, според замислата на Кант, значи **апсолутно следење на моралниот закон**, односно исполнување на должноста пред сé и без никакви предуслови. Тоа е **најстрог морал**, но тој раѓа и најдобар живот сомерен со историските и реалните животни резултати. Во една историско-социјална споредба, личноста на Кантовиот морал е граѓанинот, кој во етичката неминовност на моралот верува токму заради претпоставките на својата опстојба. Тој не е праматар, ситен "трговец", кој ќе даде нешто за нешто, како примитивно разбирање на етиката, ниту е некултивирано сетилно суштество, кое се стреми само кон задоволства и кон задоволување на надворешни

предизвици, ниту е некој кој се крие пред личната одговорност, и сл. - туку оној кој токму во обврските и одговорноста ја наоѓа и смислата на егзистенцијата и шансата за животен успех. Граѓанинот е личност на еден свет кој очекува многу од неа и кого што таа не сака да го разочара. Во таквиот свет секој ја извршува својата должност, за на сите да им биде нормално, успешно и добро. Моралот се прави со сфаќање на својата *чесӣ* и *обврска* да биде постапено токму како шо треба, не посакувајќи никакви особени придобивки за тоа. Најважно е човекот да се почувствува достојна личност, која постапува морално. Тоа е објаснување на строг, но вистински и величествен морал.

Според Кант, **етичкото има изворна смисла во животот на човекот**: "Вредноста на човекот над простото животно воопшто не ја издигнува тоа што тој има ум, доколку тој ум нему треба да му служи за она што кај животните го прави инстинктот... Човекот умот го има за една повисока цел - имено за она што по себе е добро и зло, а за тоа може да суди само чистиот, сетилно воопшто незаинтересиран ум, и не само да размислува за тоа, туку тоа просудување... да си го направи негов највисок услов".

Човек може да постапува следејќи ги правните и обичајните норми, може да прави нешта за своја корист или за корист на другите, или да има некакви други цели, но таквите дејствувања не спаѓаат во моралот, тие се суштествено само легални - можни, но не достојни и возвишени. *Леīалносӣа* и *моралносӣа* се две различни форми на човечката активност. Етичко е само дејствувањето извршено од должност, од чувство на морална чест, од настроение кое доследно е водено од нашиот ум, кој треба да ни е единствен законодавец. Основната карактеристика на човекот е **умот**, кој **помага да ги сознаеме животните начела**. Во тоа е вклучена задача на човекот да не биде емпириско суштество, кое ќе се поведува по своите мигновени страсни импулси и разни материјални цели, туку суштество кое ќе ја следи согледбата на **она што е највредно**, што е единствено вредно. А за човекот тоа се - извршувањето на својата должност да се биде човек и исполнувањето на моралниот закон, кој му посочува на човекот дека моралот е нужен за него и благопријатен за неговата квалитетна опстојба. Облагородениот човек на Кант, свесен за својата индивидуалност, но и за својата одговорност, кој ги користи моќта и придобивките на својот ум, постапува според Кантовата прочуена философска формулација на моралниот закон, во форма на **категоричкиот императив**, кој е *еӣичко решение и клуч*, за кои мора постојано да се води сметка при однесувањето:

"**Постапувај така што максимата на твојата волја секогаш би можела наедно да има вредност како принцип на сеопшто законодавство!**"

Станува збор за вредности и норми кои можат во секој случај, во сите краишта и околности да бидат за сите луѓе единствено вредни (значи, мора да буде исклучено секакво дејство кое може да води кон себичноста во намерата и во дејствувањето, каде принципот не може да важи за сите, како и кон разурнувањето на меѓусебната доверба помеѓу луѓето и до нарушувањето на смислата на етичноста, кои не можат да станат начела за секого и секогаш - на пример, лага, кражба, манипулација, предавство, подјармување, наведување на некакво зло...). Во оваа идеја може да се насети и познатото *Злаӣно морално ӣравило*, да се прави само она што би сакале луѓето да (ни) го прават, но овдека е изложено како *неӣрикосновен* морален закон, не поврзано со желбата како морално да ни возвраќаат луѓето, туку уште повеќе е нагласена улогата на моралниот субјект во етичката реципрочност (како во модерната норма на *емӣаӣија*).

Категоричкиот императив е специфично морално барање и инспирација кај луѓето. Постојат 3 вида содржини на човечките императиви - тие за *техниката-работењето*, тие поврзани со *животните дејства и мудроста* и оние непосредно *етички*. Првите се дејства од некоја струка или служат за некоја работна цел (тие се добри ако е објаснето бараното дејство и ако со придржувањето доведуваат до успех на работата, инаку може да се случи пропаѓање на акцијата или на имотот). Вторите се поуки за постигнување лична среќа во животот, се однесуваат на здравјето, на меѓусебните зафати, на разните дејствени и авантуристички потфати... Само третите се вистински етички принципи - тие немаат посебно истакната цел, моралното дејство се бара директно. Всушност, етичкиот императив не се однесува на содржината, туку на **формата** на дејството и на принципот од којшто произлегува тоа дејство. Затоа првите два императиви се **хипотетички**, а третиот е **категорички** императив - првите два се *правила* и *совети*, а третиот е **морална заповед**.

Кант не ја негира реалноста на човечкото живеење и дејствување. Со **хипотетичките императиви** им се разјаснува на луѓето што да прават кога сакаат да реализираат некои свои животни и работни цели. Овие императиви имаат форма на логичка импликација: *Ако...*, *тогаш*..., т.е. доколку посакуваме нешто, треба да исполниме некаков услов, чие извршување како последица ќе ни ја донесе сакаката придобивка (*Ако* сакаш да бидеш здрав, *треба* да внимаваш на јадењето..., да не пушиш и пиеш... итн.). Тоа се важни нешта, но се наша цел, лична насока, тие *не може* да бидат важни за сите луѓе воопшто. Затоа тоа не е чист морал, во него поставката е **безусловна**, категоричка - нешто *мора* да биде направено. Вредноста на моралот е безгранична, не се сомерува со посакуваните нешта во секојдневицата, за кои служат условените дејства. За **условените** дејства е интересно дека и тие можат да бидат многу обврзни, на пример при техничките норми, кои мора да бидат следени без исклучок, но и таму резултатот е дело на нешто замислено како цел и има условен карактер (тоа се прави *ако сакаме успех*), а не е нешто морално безусловно, како својство на чистиот морал, кој е идеална човечка сила и дејност.

Кај **императивите** (барање за извршување) не станува збор за нешто *своеволно*, што е само субјективно посакување. Тие се објективно **заповед на умот**. *Хипотетичкиот императив* бара соодветно дејство за да се постигне некоја цел надвор од самото дејство (*Ако* сакаш да постигнеш нешто, *тогаш* треба да го направиш токму тоа и тоа!). *Категоричкиот императив* е прецизно, незаобиколиво морално барање, кое *мора да се изврши*, а дејството нема надворешна цел, туку се прави заради самата смисла на постапката (тој има форма *Прави го токму тоа!*), која може да биде универзално прифатлива и е прифатена.

Со категоричкиот императив човекот избира и следи вредност која ќе го води во дејствувањето, а би можела да стане морално начело за сите луѓе секогаш. Субјектот го избрал својот морал во рационален свет исклучиво со својата разумна волја. Штом се решил, тој тоа го прифаќа. Тоа е **строг морализам**, но единствено достоен за човекот (другото се барање на свои лични цели и извршување на посебни задачи). Но, категоричкиот императив не е слепо морално дејствување, што покажува и оваа Кантова посебна *хуманистичка* формулација на категоричкиот императив: **Постапувај така што човештината (човечката суштина), како во твојата, така и во личноста на секој друг човек, секогаш ќе ги употребуваш само како цел, а никогаш како средство!** Значи, човекот треба секогаш да си поставува прашања за вредноста на своите начела, а единствена етичка цел да му биде човечката суштина, хуманоста, водење

сметка за основните човечки должности како суштество, за целите на луѓето кои треба да станат и наши цели, односно неправење нешто против своето достоинство и против достоинството на другите. (Затоа е непрецизно обвинувањето против Кант дека создал "службеничка етика", божемски кај него германскиот дух е слеан со извршувањето на заповедите - зашто точно е назначено дека во етиката тоа треба да бидат вредност и норма кои би можеле да бидат усвоени од сите луѓе - а не дејство кое некого би повредувало или со кое би се понижувала човечката сушност. Затоа "должноста" не може да биде антихумана, како што се обидуваа да покажат нацистите, имено дека така им е "пропишано"!)

Категоричкиот императив ни објаснува, ни помага да видиме кога некое дејство е морално или не е такво (Кантовата етика е *универзалистичка*, добри се оние цели и постапки кои се важни за сите луѓе). Овој императив човековата волја си го определува самата себеси; тоа е показ за нејзината **автономија**. Кант инсистира на автономијата на етичкото постапување, самите да си бидеме морални законодавци. *Хетерономијата* значи добивање налог за својата волја од нешто надвор од разумот, т.е. некој "друг", нешто "друго" го определува нашето поведение, а тоа се однесува и на целите кои нѐ завлекуваат кон постапки кои не се во согласност со моралниот закон, односно не се општи. Од нужноста на моралната автономија може да се заклучи дека човекот има **слободна волја**, која е услов за моралот, затоа што значи донесување решение без притисоци однадвор, т.е. независно од детерминираноста (која е слична на законитоста во природата). **Слободата му е нужна на човекот** за опстојба и за дејствување. Без слободно размислување и решавање не би можело да биде морално оценувано неговото дејствување, бидејќи тој би бил извршител на туѓи решенија, заповеди, не би имал слободна волја, т.е. не би го следел моралниот закон (но нема оправдување за личноста која не ја користи слободната волја, која одговорноста ја префрлува врз нескротливите желби или врз заповедите од другите).

Имануел Кант го истражува човекот и неговите разни видови сознанија. Тој укажува на величината на човекот и на неговата моќ да сознава, да гради ставови за сите прашања и да се сконцентрира на правилни дејства. Тој ги истакна како најзначајни за философијата човекот, неговото размислување и неговиот живот. Пледираше за живеење достојно на потенцијалите и величието на човекот. Човекот го сметаше суштество независно од религијата. За него нормативната етика како морал по нарачка не е сушност на етиката. Кант понуди најзначајна етичка размисла, базична за согледување на човечките морални сили и на улогата на етиката во општата човечка реалност. Тој инсистира дека **моралот значи почитување и извршување на должноста**. На светот само човекот може да постапува според принципи и само тој има слободна волја како разумско суштество. Ако волјата е во согласност со принципите на умот и ги исполнува без исклучок барањата на умот, тогаш тоа разумско суштество е совршено. Оттука е изведена и прекрасната либералистичка идеја за **обединета морална заедница на зрели луѓе** како услов за нивниот добар живот и за стабилноста на опстојбата.

Идеите на Кант, посебно оние за теоријата на сознанието и за етиката, не само што го привлекоа вниманието на целата европска јавност, туку станаа и основа за мнозина натамошни теориски размислувања. Неговата философијата и етика се нов чекор во развитокот на мислата и на моралот - кои ќе најдат одгласи кај многу значајни мислители на современата епоха. Германското просветителство речиси комплетно почна да ги прифаќа и шири неговите мисли,

што покажува дека во основата и Кант му припаѓа на Просветителството, со коешто се завршува претходниот период на европската наука и култура, но истовремено са слични визии започнува и новиот, кој трае сé до денес. Големиот поет и философ **Фридрих Шилер** (1759-1805) изгради теорија за естетичкото воспитување со игра врз основа на Кантовите философски објаснувања. Неговата философска стихотворба "За радоста", со прочуениот рефрен "Прегрнете се, милиони, љубете го целиот свет!", големиот композитор **Лудвиг ван Бетовен** (1770-1827) ја искористи во својата Деветта симфонија, а таа песна на хуманоста и човечката еднаквост е химна на Европската Унија.

Кант предизвика големо интересирање за философијата и етиката. За две-три децении се јавија многу нови автори, некои од нив станаа најзначајни во светот. Оваа школа на мислење ги афирмираше *внатрешните потенцијали на философијата*, "чисто размислување" како логичко развивање на особена идеја. Овие истражувања се наречени **германска класична философија** и дури за некого претставуваат највисок дострел на философијата како научен систем. По Кант и неговиот духовен следбеник **Јохан Фихте**, како и по големите философи **Фридрих Шелинг** (1775-1854) и **Георг Хегел** (1770-1831), философијата зазеде нови позиции и се развиваше на нов начин. При тоа германската философија се здоби со посебна димензија - како што англосаксонската мисла главно е *емпиристичка*, а француската и континенталната европска *рационалистичка*, а модерната размисла вкупом се стреми кон конкретна анализа на реалноста, германската философија се истакна како *идеализам*.

**Јохан Фихте** (1762-1814) бил најблизок до Кантовите идеи. Начелото на слободната волја како услов за моралот тој го разви во главен животен принцип. Потоа следеа другите големи германски автори. **Артур Шопенхауер** (1788-1860) го бранеше искривувањето на оригиналните идеи на Кант и изгради етика под влијание и на индиските идеи, кои тогаш ги преведуваа во Европа. Оттогаш имало илјадници кантовци. Група бележити етичари се викаа **неокантовци** - со стремеж за враќање кон идеите на Кант - **Херман Коен** (1842-1918), **Вилхелм Винделбанд** (1848-1915), **Паул Наторп** (1854-1924), **Хајнрих Рикерт** (1863-1936), **Ернст Касирер** (1874-1945) и други, кои почнаа да ја развиваат *аксиологијата* како израз на своето сфаќање на Кантовата теорија не како етика на добродетелта, туку како **етика на вредноста**. Исто така мнозина и ги критикуваа Кантовите погледи. А голем број мислители побараа потпора кај Кант кога сакаа на изградат нови погледи или да ги осовременат некои постари - како **Едуард Бернштајн** (1850-1932), кој во марксизмот се обиде да ја дополни социјалната критика со Кантовите етички ставови. Најсилниот критичар на Кантовата етика **Макс Шелер** (1874-1928) отвори значајни прашања за современото живеење и поттикна визии, за кои се чинеше дека ќе доведат до напуштање на етиката на должноста на Кант.

Категоричкиот императив на Кант стана голем предизвик за етичките мислители, што покажува дека е значаен пронајдок и конструкција. Мнозина ќе се обидат да го парафразираат или своевидно да го изменат и приспособат за своите сознанија и цели.

Интересно е дека **во новата криза на моралот** - пред сé поради негрижата за Природата, продолжувањето на безобѕирните конфликти и ширењето на тероризмот, современото економско уништување од алчност - се согледа дека сé ова се дејства спротивни на смислата на ригидниот морален закон (категоричкиот императив) и на човештината. Одговори и излези се побараа токму во Кантовата етичка доктрина. Сите треба постојано да размислуваме за тоа!

## Етички мисли од Имануел Кант

“Две нешта ја исполнуваат душата со секогаш понов и сé поголем восхит и страхопочит колку што размислата почесто и поистрајно се занимава со нив - тоа се **ѕвезденото небо над мене** - и - **моралниот закон во мене**.“

“Моралниот закон е закон на должноста, на морално присилување и на определување на моралните постапки преку почитување на законот и од страхопочит кон својата должност.“

"Човекот мора да постапува така, небаре сé зависи само од него."

“Постапувај така што максимата на твојата волја секогаш би можела наедно да има вредност како принцип на сеопшто законодавство!“

# 51. Томас Пејн

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА СЕ НОВА ОСНОВА НА ЕТИКАТА



Во целата историја може да најдеме голем број примери на борби за освојување, за власт, за храна и за богатство - но исто така и за слобода, за правдина, за унапредување на човечката положба, за исправање на повреденото достоинство. Првиве конфликти се сигурно неправедливи, израз на нечовечните страсти и на неумереностите, а вториве се справедливи, хумани, етички. Кога луѓето од пред многу илјади години почнале да ги истакнуваат најдобрите вредности, најчесто зборувале за *праведноста* (како и за умереноста, разумноста, доброто постапување), за однесувањето кое нема да ги повредува другите, за поддршката на доброто, а за избегнувањето на лошото поведение. Од пред 300 години, како што настануваше новата цивилизација, една **нова идеја почна да зазема важно место** во човечкиот ум како инспирација за достигање на состојбата која соодветствува на поимот и суштината на човечноста, а е поврзана са праведноста. Станува збор за комплексот на *правата*, непосредно сврзани со концепцијата за човекот и со она што на луѓето треба да им припаѓа како на највредни суштества на светот. Дотогаш такво нешто немало во човечкиот дух. Освен врвните господари, сите други биле потчинети. Религијата тврдеше дека Бог го создал светот за да им биде на услуга на луѓето, но социјалните разлики јасно покажуваа кој што може да користи (свештениците се подбивале кога свети Кирил објаснувал дека Сонцето свети за сите подеднакво). Животот му наметнувал на секого определена судбина, а ако некој бил горделив и се сметал себеси за подобар од другите или посакувал некоја поголема придобивка (хел. *хибрис*), го снаоѓала судбина на грешник, која ваквите ги влечела кон страдање со својата неумитна сила (на Прометеј орелот му го ковел џигерот, затоа што на луѓето им дал премногу знаења и вештини; Адам и Ева се изгонети од Рајот затоа што не ја послушале Божјата заповед; Сизиф без престан го буткал каменот угоре затоа што бил горделив; Сократ е осуден на смрт затоа што ги учел луѓето, посебно младите, на добро; Џордано Бруно е спален затоа што истакнувал дека не сме единствен свет во вселената...). Тие модерни идеи во последниве столетија се наречени **права на човекот**.

Во некои стари држави оригиналните жители имале право на престој и на заштита, на другите тоа им било порекнувано (здобивање статус на римски граѓанин донесувало определен углед и привилегии). Така било и во арапските земји за муслиманското население. Но и таквите права се манипулирани со социјалната поделба на богати и сиромашни. Секаде, всушност, станувало збор повеќе за *рестрикции* отколку за вистински полни права. Владетелите до скоро биле толку над луѓето, што само шашардисаните можеле да сонуваат дека се суштества со некакви права. На поробените им се газени *сите права*, дури им е негирано правото на постоење (денес во новоосвоените континенти по малку им се признава на

уништените племиња дека се домородци и дека не требало да бидат искоренувани). Пред три века, во најмодерната тогашна земја на светот Франција уште имало т.н. *тајни писма*, коишто кралот или некој негов овластен можел да ги исполни со некое име и означениот е воден во зандана, обично во тврдината Бастилја, без судење, и држан таму колко сакал потписникот на писмото (понекогаш би го заборавиле заточениот, па можел со децении да биде таму, ни самиот не знаејќи што сторил - такви се пронајдени кога е освоена и урната Бастилја на почетокот на Француската револуција). И ропство имало речиси секаде во светот, а жените биле масовно малтретирани. Таков бил животот до Новиот век.

Има и понекои интересни детали за нашето прашање. Во Англија во 1215-та е донесена прочуената **Magna carta libertatum** (*Голема повелба на слободата*), со која јавно се ограничува апсолутната моќ на кралот и се посочува на определени човечки права (од коишто некои уште се спроведуваат во англосаксонските земји): "Правото и правдината никому нема да бидат продадени, одземени или одложени" (чл. 40) или: "Ниеден слободен човек не може да биде уапсен или ставен во затвор... или пратен во прогонство или оштетен на некој друг начин... ако не е законски осуден од луѓе што му се рамни или според државните закони" (чл. 39). Со тоа за прв пат во Европа се укажува дека оние на власта имаат и морални обврски кон оние над коишто владеат. Нема премногу слични документи во историјата. **Нантскиот едикт** (1598), со кој на протестантите им се признаваат исти граѓански права како и на католиците, е укинат набргу по донесувањето, а на целиот тој случај му претходше крвопролевањето во Бартоломејската ноќ (1572), кога се убиени преку 20.000 протестанти француски граѓани. Во 1626-та е донесен во Британија законот Petition of Right, а по неколку децении попрочуениот **Bill of Rights** (1689), кој е основа за многу подоцнежни значајни британски и американски документи за човечките права, со кои е забрането да се уапси некој без причини и би морал веднаш да биде однесен кај судија, кој би определил што ќе се прави со него (ваков пропис ние не сме имале под Османлиите, затоа што сé, и луѓето и земјата и имотот, биле сопственост на султанот, па овој можел да прави што сакал - чудно е што таквото слично однесување продолжува понекогаш и натаму). Во рамките на овие идеи, философот **Џон Лок** (1632-1704) даде следни објаснувања за човечките права, слободите на граѓаните и за либералниот правен систем: "Иако Земјата и сите пониски суштества се заеднички за сите луѓе, секој човек има право на сопственост над својата личност. Само тој го има ова право и никој друг. Напорите на неговото тело и раце му припаѓаат само нему".

**Човечките права се едно од најзначајните социјални, политички, духовни и етички прашања во современото човештво**. Дискриминацијата се смета за неприроден начин на релации помеѓу луѓето, луѓето повеќе не се третираат како суштества без никакви права. Владее идеја за **општа слобода и еднаквост** на сите луѓе, уверени сме дека сите имаат еднакво вредни способности (за нешто), се води борба за достоинство и за добар живот на секого, доминантна е свеста дека секој треба да има исти шанси, затоа што секое човечко суштество има моќ за творење, тоа е неговата природна основа. Тоа е резултат на нововековното разбирање на светот и на животот, израз на современата социјална етика, која не ги признава **надреденоста и подреденоста** како основни начини на човечкото постоење. Нема секој човек определено негово место во човечкиот свет, но сепак неговата човечка, т.е. етичка вредност не се дефинира според нивото на неговата положба (нивоата уште не се надминати, но демократската практика ги игнорира).

Во современата епоха, која започна со широко образование и со идејата за **еднаквост** на луѓето и за **природните права** на човекот, секоја личност почнува да се третира како еднаква во основата - се прави разлика само според нејзината *реална моралност*. Учењето за природното право е потребно за да се објаснат

човечката слобода и еднаквост. Целта е луѓето да се изедначат и да се зближат, како би можеле да дават најдобар резултат од својата личност. Денешниот свет не го сака ропството, дури не ја признава ни лесната подреденост на некого спрема некој друг, (се обидува да) има разбирање за сите човечки форми и за сите личности. Припаѓањето на некоја поголема или помалечка група, староста или младоста, машкоста или женскоста, богатството или сиромаштијата не се повеќе единствен извор на човечките сознанија, вредности и чувства. Луѓето живеат и настапуваат повеќе како индивидуи - навистина потекнуваат од некоја средина, имаат и различни навики, но "целиот свет" е нивни и сакаат да будат слободни личности. **Емпатијата** кон луѓето е универзална, тоа е једна од основните идеи на новата етика. **Братски чувства** може да се одгледуваат кон секого, од која било раса, нација, пол, регион на светот, сеедно каква е неговата социјална и имотна состојба. **Човекот на денешницата е отворена личност**, без специјални предрасуди и затворени идеи, добиени еднаш засекогаш и трајно неменливи. Дури **диференцијализмот** (разлики кои постојат помеѓу суштествата, човечки и сите други) се толкува како добра градба на светот, кон што придонес даваат различни извори, различни луѓе, со различни размисли и со посебни животни цели и стилови.

*Две декларации* им претходат и се израз на ваквите нововековни стремежи. Првата е **Декларацијата за независноста** на Соединетите Американски Држави (1776), кога творците на новата нација му порачаа на британскиот крал дека се разделуваат од него врз основа на *правата*, кои произлегуваат од тоа што луѓето се **раѓаат еднакви**, сите уживаат милост на својот Создател и имаат неспорни права за Живот, Слобода и Среќа. Авторот **Томас Џеферсон** (1743-1826, подоцна прв министер за надворешни работи и трет претседател на САД) инсистира на моќта на човечкиот разум да донесува правилни решенија и секоја личност и нација имаат право да бидат независни при решавањето: "За да се обезбедат правата, се формира влада, чие право на управување се базира врз согласноста на оние со коишто се управува. Кога формата на власта стане таква што ова да е попречено (ова е пишувано во текот на борбите за ослободување од власта на британскиот крал), народот има право да ја смени. Народот тогаш може да постави нова влада, која е изградена и организирана онака како што на граѓаните им се чини дека е најдобро за да се осигураат безбедноста и благосостојбата". Слични идеи се ставени и во подоцна донесениот *Устав на САД* (1787), кој е најстар уште валиден државен акт во модерниот свет.

Втората е **Декларацијата на правата на човекот и граѓанинот** на Француската револуција, донесена на 24 августа 1789, само месец дена по почетокот на Револуцијата, која избувна за да престане несносното владетелско самоволие и за на народот да му биде подобро. Идејата на револуцијата имаше и подлабоко образложение, што се гледа од нејзиниот историски лозунг, кој оттогаш е **најважното мото на светот**: "СЛОБОДА, ЕДНАКВОСТ, БРАТСТВО", како и од оваа Декларација, која е првиот вистински **светски демократски документ** за човековите права. Просветителите во текот на целиот тој век говореа за човековите права, за слободата на верата и за нужности од толеранција, за слободата на зборот и на науката, и сл., а сега тоа е изложено како принципиелен водечки став на една нација, но во името на целиот **нов свет**. Одредбите на декларацијата за човековите права, коишто припаѓаат на секој човек веќе со тоа што е роден, за нужноста тие да бидат чувани како основи за добар личен и социјален живот и за визијата на соодветна организација на општеството, коешто ќе внимава на правата и ќе ги унапредува - оттогаш тоа се основите на целиот граѓански живот, политичка дејност и на

етичките концепции во современиот свет. Овие идеи се влезени и во Уставот на Франција (1791), како и во повторените Декларации (1793 и 1795).

Во тоа време еден англиски граѓанин Томас Пејн се бореше на страната на Американците во ослободителната војна и беше учесник на најважните настани во Франција. Најмногу се истакна со *одбраната на човековите права*. Денес **човековите права се основа на новата етика на човештвото**, на ослободените луѓе, народи, жени, личности готови да ги потпрат новите зафати на човештвото, кои ќе донесат среќен живот на луѓето, мир на земјата, развиток на човечките потенцијали и одбрана на Природата од човечкото невнимание и лошотилаци. За тоа тогаш не се мислеше така.

**Томас Пејн** е роден во англискиот град Тетфорд во 1737 годиње. Завршил само основно училиште. Татко му барал да учи занает и да работи кај него во дуќанот за женска облека. Томас избегал, трпејќи ги сите вообичаени неволји, гладување, привремени вработувања и сл., но постојано се трудел да *научи* нешто и да се избори за *правдината*, кои беа основните мотиви на неговото живеење. Првата жена му умрела од беда, втората га напушти заради тешкиот живот. Нешто научил со текот на времето и тоа му помогнало да га земат да наплатува царински такси, но сфатил дека така нема никогаш да напредува во англиското строго класно општество. Чул за легендарниот Бенџамин Френклин, кој тогаш престојувал во Англија и од него побарал препорака за Америка. Стигнал тешко болен (1774). Френклиновите препораки му овозможија на Пејн да се вработи во Филаделфија. Во главата му вријеа идеи и тој му предложил на еден печатар да издаваат списание. Во таа година (1775) почна американската војна за независност, а истовремено и богатата социјална и етичка активност на Пејн. Тој е пример на многу **интернационални авантуристи-мислители**, кои (од Средниот век) талкаа од една во друга земја (Парацелзус, Бруно, Еразмо и многу други) и се обидуваа да сторат нешто корисно за човештвото. Се ангажира против злоупотребата на Индијанците (кои веќе доволно страдаа при населувањето на Америка, а тогаш беа манипулирани за британските, француските и американските воени цели). Напиша статија "Ропството на Црнците во Америка", прва од тој вид против робувањето на Афроамериканците. Пејн основа движење и создаде Друштво за нивно ослободување (1775), чиј прв председател стана Бенџамин Френклин. "Пенсилваниското списание" се заложуваше за правата на жените, против проституцијата и сл., тиражот му порасна тројно за неколку месеци. Списанието ја одразуваше возбудата пред Револуцијата, а Пејн со своите статии силно ги критикуваше англиското општество и кралот. Пејн јавно искажа: "Независноста е достоинство!"

Пејн напиша брошура, во која ги насобра сите проблеми на американската колонија, амбициите на нејзини вредни припадници и идеите кои се изградуваа врз разни социјални, религиски и политички основи. Во книгата "**Здрав разум**" (Common Sense) едан храбар литературен почетник го искористи најмодерниот просветителски метод (иако и денес некои му забележуваат дека не бил многу образован, дека едноставно ги објаснува нештата и сл.). За неколку месеци книгата е објавена во тираж 200.000-300.000 (велат и 500.000) за вкупно 3 милиони жители на Америка. Во неа зборовите течат од срцето на младиот револуционер: "Вие што го љубите човештвото, вие што се осмелувате да се противставите не само на тиранијата, туку и на тиранинот, кревајте се!" Пејн укажува дека **разумот е најсигурен водител во животот, политиката, религијата и во моралот**. Пејн се заложува Американците веднаш да прогласат *независност*, што сметал дека е *морална обврска* кон целиот свет. Во новата држава не би имало крал, туку врвната власт би требало да го има законот ("Законот треба да биде крал"). Книгата била толико популарна, што нејзиниот наслов стана **прекар** на нејзиниот писател, сите го викаа така. Самиот Пејн зеде пушка и тргна во

борба со командантот Џорџ Вашингтон, кој го замоли да напише нешто корисно за земјата и за народот, на коишто им се заканувал пораз од англиската војска и нејзините германски платени војници. Пејн веднаш го напиша текстот "Американска криза", кој вооружените бунтовници го читале уште додека го составувал: "Ова се **времиња кои ја ставаат на искушение човековата душа**... Оној кој сега останува, заслужува љубов и благодарност од луѓето и жените. Тиранијата, као ни злото од ђаволот, не се победува лесно... Не повикувам неколкумина, туку сите - кренете се и помогнете ни!" Пејн напишал 13 статии "**Криза**". Заедно са првата книга, ова се најзначајни пропагандни материјали на новата држава. Томас Џеферсон призна дека Пејн "го кажал она што сите го мислиле и зборувале, но така што луѓето да го разберат и прифатат". Така Пејн влијаеше и на создавањето на американската **Декларација за независноста** (1776), која ја направи Џеферсон. По победата над Британците, во новата држава започнаа судири на интересите, на политичките странки, на поединците заинтересирани за власт и државна заработка. Пејн почна да се бори против корупцијата; кога му забележале за тоа, дал оставка на малата служба во власта: "Јаа сум само вечен придружник на логорот на Револуцијата, ситен чкртач и писател на брошури". Напишал уште неколку текстови за "Кризите". Пејн заклучил: "Револуцијата е мојот занает и сега кога е завршена, се чувствувам како одвишен човек".

Не се смирил на добиениот ранч. Ги кажа прочуените зборови: "**Светот е мое село, таму каде што нема слобода, таму е мојата татковина**". Пред тоа, стана член на Американското философско друштва, коешто е реконструирано во Друштво за унапредување на корисните знаења (негови председатели били Френклин и Џеферсон). Тука Пејн можеше да се запознае со многу познати личности од целиот свет. Френклин сметал дека Пејн има дарба за наука, па овој храбро конструираше железен мост, чија макета ја зеде во Франција (1787). Отиде и во Англија, каде што не го препознаа како најраспален британски критичар, туку го примаа како пријател на американскиот претседател (два негови моста се изградени во Англија). Тогаш на 14 јули 1789 година избувна Француската револуција. Пејн веднаш мина во Франција и стана дел на револуцијата, која ја нарече "зора на човештвото". Генералот **Лафајет** (1757-1834), кој беше учесник на американската револуција и играше голема улога во првите денови на француската револуција, му даде на Пејн симболичен клуч на урнатата тврдина Бастилја за да го предаде на претседателот Вашингтон. Среќен кажа: "Пред крајот на векот ќе се рашири обединувањето на републиките ширум светот. Тоа ќе биде народна власт за народот, која ќе ги искорени гладот и бедата со унапредувањето на производството, а омразата и злосторството со воспитувањето и просветата". Го поканија да учествува во пишувањето на прочуената **Декларација за правата на човекот и граѓанинот**. Потоа самиот пишува *Републикански манифест*, а со несреќниот Кондорсе го основаа Републиканското друштво. Бил во центарот на бурните настани. Има траги дека предложил да се усвои *Декларација за правата на жената*. Тоа ќе се случи дури на светско ниво кон средината на 1970-тите.

Тогаш конзервативецот **Едмонд Берк** (1729-1797) ја нападна во англискиот Парламент револуцијата и објави книга "Размисли за Револуцијата во Франција" (1790). Тоа е првиот и најтежок напад врз француските револуционерни идеи. Пејн се дружел со Берк кога беше во Англија и се почувствува и лично погоден со тој памфлет, кој ги бранеше традициите и аристократските привилегии наспроти демократијата и општите човечки права. За неколку недели ја напиша прочуената книга "**Човековите права**", која ја посвети на Лафајет и на Џорџ Вашингтон, кој "придонесе правата на човекот да станат универзални". Тоа е **едно од најзначајните теоретски образложувања на човековите права**. Во етичките книги често наведените правила не се толку важни колку вкупниот впечаток на таквото дело -

така е и со оваа книга. Таа всушност ја претставува Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот, објаснувајќи ги нејзината намера и ставови и донесувајќи заклучоци за светските движења, посебно во Франција и во Англија. До тоа време човековите права беа предмет на скромни философски разгледби, оттогаш тие се дел на цивилизацијата, на новиот начин на размислување. На пример, во врска со Берковово бранење на традицијата, Пејн вели: "Секоја епоха и секоја генерација мора да бидат слободни да дејствуваат за себе *во сите случаи*... Треба да им се служи на живите, а не на мртвите". Книгата е прифатена во Англија, иако власта ја прогонуваше, објавена е во половина милион примероци, во првата година во 200.000 примероци. Такви бестселери пишуваше Пејн. Грађаните на Кале го избраа за свој пратеник во Народното собрание. Кога влегол во салата, дочекан е со овации. Се радуваше што е "дома" во револуцијата. Беше член и на следниот собор Конвент, но таму започнаа остри судири. Пејн слабо зборуваше француски и не можеше слободно да беседи. На судењето на кралот, тој сметаше дека не треба да биде убиен. Јакобинците започнаа пресметка со идеолошките противници (егзекутурани се научниците Лавоазје, Кондорсе и илјадници други). Пејна го затворија, но не го убија, не знаеле што за тоа ќе каже Вашингтон. Го ослободија кога дојде новиот американски амбасадор *Џејмс Монро* (1758-1831), подоцна американски председател (кој ја купи Луизијана од Французите и со тоа додаде на САД најголема територија сé до освојувањето на Средниот и Далекиот запад). Додека беше во затворот Пејн го напиша деистичкото дело "Доба на разумот", во коешто вели: "**Мојот разум е моја црква**". Објавувањето на книгата го нападнаа разни конзервативци како дело на "антихрист". Пејн моли за дозвола да се врати во САД. Наполеон не го пушта. Во однос на Американците се чувствува како вонбрачно дете. По изборот на Џеферсон за председател, овој го повика во САД, но не му даде никаква служба. Дури не му дозволуваат ни да гласа, зашто не е американски државјанин. Умре во 1809-та и закопан е на својот имот, затоа што на гробиштата не го примаа верските заедници. По една деценија некоја будала ги ископа коските на Пејн и ги однесе во Англија за да ги изложи на подбив. Властите не го дозволија тоа и злосторникот ги фрли коските кој знае каде. Така Пејн суштествено му припаѓа на целиот свет, сега "светот е негово село", како што говореше со гордост.

Пејн беше во душата социјален реформатор. Настаните ги доживуваше како лични предизвици и пишуваше објаснувајќи ги своите страсни погледи. Книгата "Човековите права" е негова реакција на традиционално-конзервативните погледи на Берк. Пејн сметаше дека **граѓанските права се базираат врз природните права**. Го отфрла Берковото повикување на задржување на обврската на граѓаните спрема кралот, затоа што секоја генерација има свој живот и права. Бараше и во Англија да се донесе закон за човековите права, што, според него, е мошне важно - велеше дека американскиот устав има иста вредност за слободата којашто "граматиката го има за јазикот". Ја критикува монархијата во Британија и бара да се направи револуција, како во Франција, и да се воспостави народна власт, затоа што суверенитетот е во народот. Му префрла на Берк што се подбива со револуцијата: "Франција не ги изедначи сите, туку ги воздигна. Таа го отрли џуџето, за да постави човек".

Во книгата ја објави **Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот** (за која инаку се претпоставува дека тој ја напишал), бидејќи смета дека во Британија не ја знаат. Декларацијата започнува со свечените зборови: "Претставниците на францускиот народ (Националното собрание)..., сметајќи дека непознавањето, заборавањето или презирањето на правата на човекот се единствените причини на општите несреќи и на корупцијата на власта, решија да ги изложат, во една свечена декларација, природните, неотуѓиви и свети Права на човекот, за оваа декларација, постојано пред очите на сите членови на

општествената заедница, нив непрестајно да ги потсетуваат на нивните права и должности:

*1.* **Луѓето се раѓаат и живеат слободни и еднакви во правата**...
*2.* Целта на секое политичко здружување е да се сочуваат правата на човекот, кои се природни и не може да застареат. Тие права се: **слобода**, **имот**, **безбедност** и **отпор на угнетувањето**.
*4.* Слободата се состои во можноста да се прави сé она што не му наштетува на другиот; така, спроведувањето на природните права на секој човек нема граници, освен оние коишто и на другите членови на општеството им обезбедуваат уживање на тие исти права...
*5.* Законот има право да ги забрани само оние дејства кои се штетни за општеството. Сé она што не е забрането со законот не може да биде попречено, а никој не може да буде присилен да го прави она што сам не си го заповедува.
*6.* Законот е израз на општата волја. Сите граѓани имаат право да учествуваат лично, или преку своите представници, во неговото донесување. Тој мора да биде ист за сите, и ако заштитува, и ако казнува. Бидејќи сите граѓани се еднакви пред него, подеднакво им се достапни, според нивната способност, сите достоинства, места и јавни служби, без оглед на каква било разлика, освен онаа која се однесува на нивните добродетели и на нивните дарби.
*10.* Нико не може бити вознемируван заради своите убедувања, дури ни верските...
*11.* Слободната размена на мислите и на мислењата е едно од најскапоцените права на човекот; значи, **секој граѓанин може слободно да говори, пишува, печати**...
*12.* **Општеството има право да бара од секој јавен службеник да даде сметка за своето управување.**
*17.* Бидејќи сопственоста е неприкосновено и свето право, никому не може да му биде одземена..."

Така човековите права започнаа во реалноста да ја играат големата улога на регулатори на мислењето и поведението. Со својата борба за нивно осмислување, објавување и бранење Пејн одигра историска ролја на **етички иноватор**. (Инаку имаше големи лични заслуги - прв истакнал дека Америка е "нација", дека треба да ја декларира својата независност и да се бори за неа, прв предложил уставна влада на САД, која имаше 13 провинции, се заложуваше за еманципација на Афроамериканците, предложи купување на Луизијана, водеше кампања за права на жената, прв предложил меѓународно авторско право, конструирал железен мост, прв направил свеќа без чад, предложил формирање банка на САД, трговачки савет меѓу Европа и Америка и прв пишувал за сојузот меѓу Европа и САД, и др.).

Револуцијата во Франција била дело на масите, но и на бројни мислители и револуционера. Философите ја подготвиле (сепак многу од прочуените мислители не ја дочекале), но во неа се истакнаа разни борци за човековите слободи и права. Треба да го споменеме **Грахус Бабеф** (1760-1797, чие оригинално име е Франсоа Ноел, но тој го зеде името на римските борци и жртви за народни права браќата Грах, 162-133 и 154-121 пред н.е.). Се бореше за продолжување по насоката на Декларацијата за правата и за доследно спроведување на Уставот, со што би се обезбедил основниот принцип на еднаквоста, како идеал на Револуцијата. Основал т.н. "Заговор на еднаквите", со програма да се воспостави насилна еднаквост во општеството. Осуден е и егзекутиран.

По Наполеоновите војни и реконструкцијата на монархијата, во следниот век идејата за човековите права ја изнесуваа **критичките мислители и утопистите**, писателите и хуманистите. Прво Британија и Франција забранија трговија со

робовите, па следеше и местимично и делумно укинување на ропството. Во Русија владееше систем на кметска неслобода (укинат е дури во 1861-та). Околу проблемот на ропството во САД избија политички судири, а потоа и крвава Граѓанска војна (1861-1864), кога председателот **Абрахам Линколн** (1809-1865) успеа да обезбеди спроведување на уставните одредби за човечките слободи и за единството на нацијата. Работниците беа исклучително експлоатирани во првите децении на индустриската револуција, почнаа да се организираат барајќи ги своите права, а државните законодавства дури кон крајот на векот донесоа законски ограничувања и контрола на работата (благородната идеја "3 x 8 = 8 часови работа, 8 часови одмор, 8 часови слободно време" е родена тогаш, како и осудата и укинувањето на детскиот труд). Утопистите пробаа да инвестираат во хумани претпријатија, но пропаѓаа поради економските тешкотии или поради големиот отпор на капиталистите. Демократијата тешко го пробиваше патот, бирачките права беа на разни начини ограничувани (потврда за престојот, имотен цензус, доказ за писменоста...). Жените се бореа за своите права - движењето на *сифражескињите* дури почна и со милитантни акции (1903). Разни нации се обидуваа да се ослободат од поробеноста или се организираа нови национални држави. Големите сили спроведуваа насекаде *колонизација*, борбата за територии, суровини и за пазари беше жестока и траги;на. Сé до Првата светска војна идејата за човековите права не проникна суштествено во човечките срца и не влијаеше да се менува реалноста. Само во **уметноста** правото на слободно изразување си го најде патот.

По Втората светска војна завладеа поинаква духовна ситуација. Разочарувањата од многу жртви и нечовечноста по Првата војна продолжија напоредно со бескрајните конфронтации и новите колонизаторски тенденции. Фашизмот, бољшевизмот, разните автократии го сечеа секое споменување на правата. Но сепак човечките слободи и права малку по малку ги уриваа конзервативните општествени односи. Победата над фашизмот-нацизмот поттикна слободарски и универзални светски концепции за човековите права. Основана е **Организација на обединетите нации** (1945), со цел да се грижи за множество сложени човечки прашања, од опстанокот и исхраната до деколонизацијата и човековите права, а посебно за мирот и за смирување на незапирливите човечки конфликти.

**Човековите права** се сметаат *природни права* кои му припаѓаат на човекот веќе со тоа што је роден и живее во развиена цивилизација. Тука се вклучени и правата за кои луѓето се договориле дека ќе ги користат (права според *конвенција*). Станува збор за животот, слободата, еднаквоста, остварувањето на среќа, безбедноста, имотот, социјалната заштита и за отпорот спрема репресијата (тоа се правата запишани во постарите философски текстови и во документите до најновата епоха).

Најсовршената форма на настојувањата да се реализираат целосните човекови права е искажана во **Општата декларацији за правата на човекот**, која Организацијата на обединетите нации ја усвои на **10 декември 1948** година**.** Тоа е **најзначаен етичко-антрополошки документ на нашата епоха**. Во него со полно срце е изразена визија за слободата како најголема човечка вредност и за човековите права како форма низ која се изразува човековата слобода - а истовремено се отворени и **перспективите за натамошен хуман развиток на човекот** и на неговите потенцијали, определби, живеење и креација на сите полиња:

"Бидејќи признавањето на вроденото достоинство и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човештвото е темел на слободата, правдата и мирот во светот,

Бидејќи непочитувањето и негирањето на правата на човекот водеше во варварски постапки, кои ја навредуваа совеста на луѓето, и бидејќи создавањето на свет во којшто човечките суштества ќе уживаат слобода на зборот и на мислењето и ќе бидат ослободени од стравот и сиромаштијата е прогласено како најголем идеал на секој човек,

Бидејќи е суштествено правата на човекот да бидат заштитени со правниот систем, за човекот да не биде присилен како краен излез да прибегнува кон побуна против тиранијата и угнетувањето,

Бидејќи е важно да се поттикува развиток на пријателски односи помеѓу народите,

Бидејќи народите на Обединетите нации во Повелбата ја потврдија својата верба во основните права на човекот, во достоинството и вредноста на човековата личност и во рамноправноста на мажите и жените и бидејќи се решени да го поттикнуваат општествениот прогрес и да го подобруваат животниот стандард во условите на поголема слобода,

Бидејќи државите членки се обврзаа во соработка со Обединетите нации да обезбедат општо почитување и примена на човековите права и основни слободи,

Бидејќи универзалното разбирање на овие права и слободи има најголемо значење за целосно остварување на оваа обврска,

Генерално собрание на ООН ја прогласува (на 10.12.1948) оваа **Универзална декларација за правата на човекот** како општ **стандард**, кој треба да го постигнат сите луѓе и нации, за секоја единка и секој орган на општеството, имајќи ја секогаш на ум оваа Декларација, да се стремат со подучување и воспитување да придонесат кон почитување на овие права и слободи и со постапни национални и меѓународни мерки да обезбедат нивно универзално и ефикасно признавање и почитување...:

*1.* **Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви во достоинството и правата**. Тие се надарени со разум и свест и треба меѓусебно да се однесуваат во духот на братство.
*2.* Сите права и слободи прогласени во оваа Декларација му **припаѓаат на секој човек**, без кој било вид разлика, како што се: раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, национално или општествено потекло, имот, раѓање или други околности...
*3.* **Секој има право на живот, слобода и своја безбедност.**
*4.* Никој не смее да биде држан во ропство или во потчинетост...
*5.* Никој не смее да биде подложен на мачење или на свирепи, нехумани или понижувачки постапки или казни.
*7.* Сите луѓе се еднакви пред законот и сите имаат еднакво право на заштита од секоја дискриминација со која се повредува оваа Декларација и против секое поттикнување на таква дискриминација.
*12.* Никој не смее да биде изложен на своеволно мешање во неговиот приватен и семеен живот, дом или преписка, ниту на напаѓања на неговата чест и углед...
*13.* Секој има право на слобода на движењето и избор на местото за живеење...
*17.* Секој човек има право да има имот, самостојно или заедно со други. На никого не смее самоволно да му биде одземен неговиот имот.
*18.* Секој има право на **слобода на мислата, совеста и верата**...
*19.* Секој има право на слобода на ставовите и на изразувањето...
*20.* Секој има право на слобода на мирно собирање и здружување. Никој не може да биде присилен да припаѓа на некое здружение.

*21.* Секој има право да учествува во управувањето со неговата земја, непосредно или преку слободно избраните претставници. Секој има право на ист начин да стапува во јавна служба во неговата земја...
*22.* Секој, како член на општеството, има право на социјална сигурност и... право да ги остварува своите економски, социјални и културни права, коишто се неопходни за неговото достоинство и за слободниот развој на неговата личност...
*23.* Секој има право на работа, на слободно избирање на вработувањето, на справедливи и поволни услови на трудот и на заштита од невработеноста... Секој кој работи има право на справедлив и соодветен надомест, кој нему и на неговото семејство ќе му обезбеди живот во согласност со човечкото достоинство...
*24.* Секој има право на одмор и на слободно време...
*25.* Секој има право на животен стандард којшто нему и на неговото семејство му обезбедува здравје и благосостојба, вклучувајќи храна, облека, стан и медицинска нега и неопходни социјални служби... Мајките и децата имаат право на посебна грижа и помош...
*26.* Секој има **право на образование**... Школувањето треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и кон зацврстување на почитувањето на човековите права и основни слободи. Тоа треба да го унапредува разбирањето, толеранцијата и пријателството меѓу сите народи, расни и религиозни групи, како и разбирањето на активностите на Обединетите нации за одржување на мирот.
*27.* Секој има право слободно да учествува во културниот живот на заедницата, да ужива во уметностите и да учествува во научниот прогрес и во неговите благодети.
*29.* Секој има должности спрема заедницата, во која единствено е можно да реализира слободен и целосен развој на својата личност..."

Ретки се вакви **силни документи**, во коишто **слободата конкретно се поврзува со човековите права**. Заради тоа треба да се читаат, познаваат, да се едуцираат помладите за нив и за нивната единствена и богата содржина и да се вложат сите напори овие определби на човековите права да се спроведуваат во практиката. Всушност, да ги схватиш своите права тоа значи да им ги признаеш и на другите луѓе, а **да се бориш за своите права значи да ги застапуваш овие права за секоја личност на светот**, зашто поврзаноста на луѓето во нив претставува голем суптилен внатрешен механизам.

Реалноста на светот уште е далеку од замислениот слободен братски свет на сите луѓе. Старите социјални и етички навики се тврдокорни и човечката реалност е полна со негативни појави на омраза, дискриминација, сегрегација, расизам, шовинизам, насилство и тероризам, низ човечкиот свет татнат страшни призраци од минатото, лесно се отфрла новото, поинаквото, се бега од слободата, не се почитуваат правата на другите (а со тоа ја загубуваме основата за вистинско заживување на своите права).

Но се појавија вредни изрази на **воспоставување на светот на слободата и на човековите права**. Луѓето сѐ повеќе се согледуваат себеси како нужно слободни суштества, а слободата ја разбираат како единствена достоинствена форма на човечкото живеење. Правата на човекот се конкретен израз на општата слободарска идеја на современиот свет. Човековите права содржат елементи на слободата онака како што таа се реализира во човековиот свет и услови. Не станува збор повеќе само за философска идеја, туку и за творечка, правна, морална, политичка, конкретна животна реалност на современиот човек. Универзалната декларација за правата на човекот е најзначајниот придонес

на меѓународната заедница кон развојот на хуманоста. Тоа се **етичко-правни основи на новите односи во човештвото**, пред сé поаѓајќи од реалноста на поединечното постоење и права на секоја личност на Земјата.

Универзалната декларација за правата на човекот е донесена по една **ужасна општа војна**, во која се покажаа **најлошите својства на човекот** во амбицијата да **дискриминира и уништува луѓе**. Создавањето на Обединетите нации беше инспирирано од потребата да се чува мир, да се воспостави подобро разбирање меѓу народите и да се поттикнат модерните процеси во организацијата на светот врз основа на високите стандарди на човековите права. Во самата Повелба на ООН и во основачките акти и програмите за дејност на нејзините разни тела - како што се организацијата за децата УНИЦЕФ, организацијата за храна ФАО и организацијата за образование, наука и култура УНЕСКО, како и на другите светски сојузи, Црвениот крст, Светската здравствена организација или Интернационалниот олимписки комитет - се укажува на ваквите **благородни идеи** и на потребата сите сили на **добрите луѓе** на светот да се поврзат и обединат во реализирањето на ваквите важни и сложени задачи.

УНЕСКО сега води светска акција за истражување на **Етиката**, за воведување на **Етичко образование** во школството во сите земји и за воспоставување и ширење на **Универзалната етика**, како израз на единството на светските етички тенденции. Човековите права и натаму се дефинираат, презентираат и заштитуваат со новите документи на светската заедница или на континентите - досега има околу *сто* вакви документи - како што се **Међународната конвенција за забраната на сите форми на расна дискриминација** (1969), **Конвенцијата за забраната на сите форми на дискриминација на жената** (1979), **Пакт за граѓанските и политичките права**, **Конвенција за правата на детето (1989), Декларацијата за биоетиката и човековите права** и др., како и **Европската конвенција за човековите права** (1950), **Европската социјална повелба** (1961) и др. Постојат и многу форуми и организирани се многу конференции за проблемите на човековите слободи и права, како што е **Комисијата на ООН за човековите права** (од 1947), **Центарот на ООН за правата на човекот** (од 1982, во Женева), или невладините **Хелсиншка федерација** или **Амнести интернационал**. Колку оваа реалност е сепак далеку од состојбата која ја опишуваше Томас Пејн, иако неговите дела за таа проблематика остануваат и натаму интересни и корисни.

Широчината на пристапот говори за тоа дека ова има не само политичка смисла, туку дека станува збор предимно за **етичка акција** - која на секој човек ќе му помогне во изградбата на своето достоинство и ќе му укаже на неопходноста да ги почитува другите, кои се исто така личности. Треба да се знае дека **никогаш не е достатно да се потсетува на основните човекови права**, тоа треба да биде база за хармоничното заедничко живеење и за човечката иднина.

Од **бројните автори** кои во нашата епоха пишувале за правата на човекот и за организацијата на животот според таквата визија - на пример, **Роналд Дворник** или **Отфрид Хефе** - најпознат е **Џон Ролс** (1921-2003), бележит американски професор, автор на многу книга, од кои посебно е позната "**Теорија на праведноста**" (1971). Тој смета дека секој човек има еднакво право на најширокиот систем на еднакви основни слободи, којшто соодветствува на сличниот систем на слобода за сите, како и тоа дека сите социјални и економски разлики треба така да се суредат да овозможуваат најголема можна благодат на најслабите, а службите и општествените позиции треба да бидат еднакво достапни до сите во духот на справедливата еднаквост на животните шанси. Всушност, Ролс ја **изедначува теоријата на праведноста со етиката воопшто** - што отвора нови можности за натамошно разбирање на етичките димензии на

човековите права и за нови позитивни визии на општественог живот и организирање. Со тоа се поддржува и класичната теорија на *либерализмот*, која ја развивале најголемите модерни мислители, во нејзината основа ставајќи ги секогаш согледбите на природните права на човекот.

**Етички мисли на Томас Пејн**

"Еден чесен човек е од поголема корист за општеството, како и за самиот Творец, отколку сите крунисани ајдути од сите епохи."

"Слободата насекаде се прогонува... Примете ги прогонетите и благовремено подгответе засолниште за човештвото."

"Светот е моја татковина, а правењето добро моја религија."

"Го сакам човекот кој во неволјата се насмевнува, кој од страдањата присобира сила, а со размислувањето се засилува самиот себе. Дребните духови се повлекуваат, но оној со силно срце, и чијашто совест го одобрува неговото однесување, ќе се држи за својот принцип до самата смрт."

# 52. Доситеј Обрадовиќ
## ПОУКИ ЗА УМНО ОДНЕСУВАЊЕ



Карактеристиките и целите на **Просветителството** се раширени низ целиот свет, таа е основна духовна тенденција во последните 3 столетија, но дури и пред тоа. Станува збор не само за поддржување на општата писменост, за ширење на школувањето врз сите млади и врз сите луѓе во текот на целиот живот, за разбудување на општата духовност, за незапирно напредување на знаењата во сите сфери, а во етиката за оптимистичка верба во човечките морални потенцијали и за развивање на новите универзални вредности, кои ќе помогнат во изградбата на еден поумен и поврзан свет. Тоа е еден **стил на мислење и на живеење**. Просветителството цутеше со напливот на модерната епоха, а сите современи појави поврзани со знаењето и со информациите се гранки на просветителските позиции и настојувања. Ги има различни, во сите нови времиња можат да се најдат насекаде, од најдалечниот Исток до крајниот Запад, и многу се интересни за истражувачите на мудроста и моралот. Доситеј Обрадовиќ од блиската српска култура е една од првите и можеби најинспиративна просветителска личност на народите околу нас.

**Димитриј Обрадовић** е роден во банатското гратче Чаково во 1739 година. Многу љубел да учи, а на таа генерација тоа им го овозможи и просветениот австро-угарски цар Јосиф; власта воведувала општо образование за сите, но сепак имало малку училишта и учители. Димитриј изучил буквар, псалтир и катехизис, малку евангелие и пролози и се запознал со живописите на неколку светители. Страсно посакувал да се образува, но тоа значело да замине во свет, на што го натерала и семејната несреќа: "Да беше жива мајка ми, или барем сестричето Јула, никогаш не би излегол од Банат... Во деветтата или десеттата година од возраста, без татко, без мајка, без родена сестра, почнав самиот себе да се сметам изметнат и странец во местото каде што се родив, а моето срце почна да ми прорекнува дека ќе талкам по светот". Така било во текот на сиот негов живот. Тргнал во Темишвар на занает, а оттаму, од стремеж за образование, пребегнал во манастирот Хопово на Фрушка Гора. Од лошиот пример на калуѓерите и, бидејќи од нив не можел ништо да научи, избегал и оттаму, сакајќи да иде во Русија да учи. Некој поинаку го советувал, па тргнал во Далмација, потоа во Црна Гора, каде се запопил и го добил познатото име **Доситеј**. Патот го водел во Хиландар во Светата Гора, па во Смирна (Измир), во Епир, на островот Крф и назад во Далмација. Тоа бил период на учењето, сега знаел италијански, стар и нов грчки, албански, латински, ги совладал "старохеленското убаво зборење и хомеропоетското слаткословие". Се запознал и со западните рационалистички идеи, а најзначајното е што ја присвоил концепцијата на Просветителството. Во Далмација (1761-1765 и 1769-1771), каде бил и учител, се запознал со повеќе застапници на народната просвета и јазик. Започнал и да

пишува, ги има создадено основните учебници "Буквица", "Христоитија", "Венец од алфавита". Во "Ижица" (1770, незавршена Буквица) се заложува за воспитување на децата, ги критикува полуучените и недоволно ангажирани калуѓери и го истакнува разумот, но повеќе како античка и библиска пофалба на мудроста отколку како помодерно разбирање на улогата на здравиот разум.

Потем Доситеј тргнува на нови патишта, каде што ќе ги унапреди своите знаења и ставови (покажува дека учењето е задача за целиот човеков живот и дека знаењето треба да се бара секаде каде што има луѓе и култура). Замина (1771-1782) за Виена, Карловци, Трст, патувал низ Италија и грчките острови. Бил учител на богати деца. Научил и француски и германски, а делата на големите просветители ги читал во оригинал. Во Хале ја свлекол свештеничката одора и се запишал на тамошниот стар Универзитет. Во Лајпциг слушал предавања од физика. Во "Писмото до Харалампиј", кое е некој вид духовна програма, говори за "неполезноста на манастирите" и за "големата нужност од наука". Бил (1782-1806) и во Венеција, Париз, Лондон и во други земји. Научил и англиски јазик.

Тогаш развил вистинска просветителска дејност и објавил најголем број книги, сите со **поучна содржина и етички совети**. За етиката се прочуени делата "Совети на здравиот разум" и "Поучно слово" (1784), "Басни (со морални поуки = наравоученија)" и "Живот и настани" (1788), "Собрание" (1793), "Етика" (1803, превод на ккига од еден италијански автор со морални поуки). Изложувал и патриотски ставови, како во "Песната за ослободување на Сербија" (1789-та за време на војната на Австрија и Русија против Турција). Во времето на царот Јосиф имало корисни иницијативи во Австрија за Србија под Турците, и Доситеј ги пофалува просветителските идеи и корисни акции на царот. По смртта на царот (1790) во Австрија завладеа летаргија и полициски режим, наспроти Француската револуција и подоцнежните Наполеонови војувања. Доситеј живеел во Виена и во Трст, откаде одел во Венеција заради печатење. Веќе бил во години, а имал и долгови за објавување на книгите, вели морал да предава најмалку десет часови.

Млад говорел ведро: "Јас немав љубовница, ниту можев да ја имам, бидејќи сум сам и без куќа и без огниште - во она што одам, во тоа и спијам... Имам торбичка на грбот, а во неа една светогорска тиква со вода и една грчка книга, а книгата ми кажува многу нешта, коишто ни мојот татко не ги знаел". Но, во староста не бил повеќе радосен ни спокоен. Говори за уметноста и за школството, планира да отвори училиште во Трст, неуспесите не го кршат неговиот дух. Со започнувањето на Српското востание му се крева моралот, вели дека "некоја слатка симпатија кон истородните наши и кон земјата на којашто сме израснале постојано ни лежи на срцето и нѐ привлекува како некаков магнет". Од Војводина соработува со востаниците и оди во руският штаб во Романији за востаничките нешта, па преминува преку Дунав во Смедерево. Пишува "ветената земја беше гладна, без оружие, бедна, опколена од лутите душмани, како од страшни лавови". Неговата благородна цел е "оваа земја да се постави во добро уредување и состојба". Со Караѓорѓе и Младен Миловановиќ работел на основниот закон за новата држава "Основание на српското правителство". Од 1808-та станал министер, член на Правителствениот совет. Се заложувал за независноста на земјата, иако предлагал блиска соработка со Австрија и со Русија - тому заради инсистирањето на нужноста од државна независност, Русите га ставија во група "на зло подготвени луѓе".

Во тешки околности, веќе во високи години, страдајќи од "лути болки на нозете" и од треска, Доситеј сепак ги извршувал своите должности. Основал во 1807-та во Белград училиште за "облагородување (образование) на малите дечиња и идниот човечки род", како јадро на просветителските образовни цели. Како директор на сите училишта, во 1808-та им заповедил на нахиите (околиите) "особено внимание

да посветат на училиштата и на воспитувањето на децата". Кон крајот на таа година ја отвори Великата школа - првиот Универзитет - со говорот "За должното почитување кон науките", каде кажа дека по турското ропство "треба да се грижиме да ја спасиме душата наша од душевното ропство, то ест: **од незнањето и од слепотата на умот**". Во почетокот на 1811-та стана министер на просветата, со што Доситеј доби признание за своите севкупни образовни и културни настојувања во текот на целиот живот. Почна да страда од староста и болестите. Во Србија напиша малку, но стори повеќе. Запаметено е дека неговата душа сакала за народот да подготви и објави цела **низа книги** - за земјоделството и селската економија, приспособени според српската почва и клима, потоа книга за занаетите (двеве области се основа на живеењето и развитокот на еден народ), книга за уметноста, книга за ракотворбите, книга за трговијата и за морепловството, книга за математиката и статистиката, книга за природните науки, опис на моралот, обичаите и живеењето на старите народи (*практична етика*), природна историја на човекот, и критички напишана, популарна и опстојна историја на својот народ. Овој просветител немал тесен ум - покрај образованието, сметал дека има уште 7 столбови на домот на мудроста: науки, уметности, земјоделие, трговија, закони, човекољубие и правдина. Што сакал уште да направи и да постигне остарениот мудар Доситеј, кој умрел во 1811 година, е сместено во загубениот тестамент "Перница за гробот мој".

Во "Писмото до Харалампиј" Доситеј ги изложил "начелните намеренија: прво, им давам совет на учените на мојот народ да **пишуваат** и даваат во печат на нашиот прост **дијалект**; друго, моите истородни да се определат за секое нешто **слободно да мислат**, и сé што ќе чујат да го просудат и за тоа да размислат". Овие вистински интенции на современото човештво Доситеј ги дополнува со објаснувањата што доживеал и согледал во Хале и во Лајпциг, каде што бил на Универзитетот. Укажува дека во овие места има прекрасни училишта и младината се напојува со науките, а во Србија, Босна, Херцеговина, Албанија, Турција и во другите земји од нашиот регион насекаде владее бедотија и луѓето заслужуваат сажалувања, чекаат да чујат нешто од исто толку неписмените. На Доситеј му се кине срцето кога мисли на таа ситуација. Би сакал тоа да се смени со добро школување и слободно мислење. **Тоа је вистинското просветителство**. Затоа Доситеј е образац на балканската просвета и новиот животен и етички прогрес.

Посебно ја **сакал и истакнувал етиката**. Во неговите дела има цитати од Хомер, Езоп, Сократ, Јован Златоусти, Еразмо Ротердамски, Сервантес, Лабриер, Свифт, Лесинг и уште од многу други славни личности, писатели и учители на човештвото. Од просветителите ги прихвати етичките ставови за љубовта, за должноста човекот да се усовршува себеси и другите, за доброто, среќата, добродетелта, за егоизмот како извор на злото, за превласта на доброто над злото, за разумот како решавачка сила за стекнување знаење и среќа.

Честноста го водела да ги критикува државите кои не водат сметка за своите граѓани. За Доситеј бедна е земјата во која "секој паша сака да биде цар" или "каде неучениот треба да ја трпи власта..., а оној кој знае мора да молчи и со страв да слуша, каде заповедува несправедливиот и несовесниот, а чесниот и добар е присилен да се повинува". Бараше и властите да се образуваат, затоа што "варварите и неучените никогаш не ги имаат доведено варварите и неучените во добар систем". Сите луѓе ги подучавал да учат и да бидат "души вљубени во добродетелта". Истакнувал дека "без добро воспитување и без ука, најлош е оној кој е најсилен". Секој човек мора "совет да бара и да прима". Според Доситеј, "моралниот живот на човекот се простира на некој начин дотаму до каде стасуваат неговите знаења". Во практичната аксиологија на човечкото општество, оние на највисоките должности се и морално најодговорни. Доситеј говорел: "Колку кој од општеството прима и ужива, толико се поголеми и

поважни неговите дожности". Затоа подсетува: "Кој е за пофалба, треба да го пофалиме, а кој е за осуда, треба да го осудуваме, бил тој цар, папа, патријарх или светец". Законот вечни, според Доситеј, е "сé и секој толку да се цени колку чини и вреди, ни помалку ни повеќе". Исто така ја бранел верската толеранција и говорел дека ќе дојде време кога народите, кои сега се мрзаат или се искористуваат, ќе станат пријатели и ќе соработуваат.

Ја искажал посебната етичка норма: "Добродетел е она што си го заработил да го **употребиш за добро**, слабиот да го чуваш од силниот, да му помагаш на страдалникот, чесните семејства да ги спасуваш од сиромаштија, науката да ја воведуваш во својот народ... Благородните треба да се воспитуваат!" Етиката за него се сврзува во голема синтеза со учењето и знањето: "Во самата добродетел се состои сета вредна наука и мудрост".

Доситеј напишал голем грст морални поуки. Сите се користени и цитирани во народниот живот. Тој патувал низ целиот свет, учел јазици и обичаи, ги прихватил најзначајните тенденции на просветителството и на научните истражувања, и несебично ги споделувал со своите сограѓани, а како љубезна и мирна личност сигурно бил и квалитетен учител. Луѓето го ценеле, секаде го сочекувале со почитување и го славеле. Иако стар, се приклучил кон српските востаници и на новата власт ѝ помагал колку што можел. Своите политички совети ги изнесувал слободно - за независноста на земјата, за единството на народот, за почитувањето на водачите, за нужноста на социјална решителност, за подготвувањето за одбрана, која је можна зашто има искуство и достоинство. Предлагал отворање на училишта и преведување на книги како најдобар пат за воздигнување на народот. Иако говорел со стар стил, јасно кажувал дека верува во народниот јазик, а не во црквенословенската јазичка конструкција, која не овозможува сознавања (таа идеја ќе ја прифатат сите балкански народи). Почитувањето на етиката и на учeноста се карактеристики на овој прв модерен српски писател, кој влијаеше врз преродбеничките идеи кај сите блиски народи. Неговата **мудрост е резултат на учeноста**, којашто ја собирал за да би можел етички да делува и да работи како просветител.

**Етички мисли на Доситеј Обрадовиќ**

"Книги, браќо моја, книги, а не камбани и прапорци!"

"Убавината без разум е цвет во калта."

"Христијанинот не може да се познае дали е добар ако врз него не дојдат многу наволји."

"Луѓе, ние истите денес едно мислиме и зборуваме, а утре друго правиме."

"Мој синко, минаа оние глупи и слепи времиња кога и кај нас се кажувало: Подобро е шест вранци во кочијата отколку шест училишта во главата. Сега времето е пресвртено. Учениот човек, и пеш да оди, секој ќе го почитува, а за неучениот, дури ако го видат на вранец, ќе кажат: Вранците влечат коњ - и право ќе велат."

# 53. Никола Кондорсе
## ЗНАЕЊЕТО ДОНЕСУВА ПРОГРЕС И МОРАЛ



Не знаеме откаде нé демне злото. Многу големи мислители го означуваат злото како несовршенство на живеењето, а некои, пак, како нужна друга страна на постоењето, наспроти доброто, со кого што, навистина, не се проникнуваат и поврзуваат, туку помеѓу нив постои неминлив јаз, но злото сепак е тука и е елемент на човечката егзистенција. Добрите луѓе не го сакаат злото, го избегнуваат и се надеваат да го изгонат со своите добродетели и со правењето добро. Насилниците, како Нерон и Атила, уживаат да спроведуваат зло и да ги следи глас дека се незапирлив "камшик". Иако не толку расипани, во сите времиња и народи постоеле луѓе за кои правењето зло било нешто обично, дури и некаков за нив убав акт, кој им овозможувал придобивки и моќ. Дали човештвото ќе може да се оттргне од честото и големо зло?

Песимистите ќе кажат дека злото е нужен дел на живеењето; ироничните ќе се подбиваат дека без злото нема да може да се познае што е добро. Но добрите луѓе, моралистите, кажуваат дека доброто е суштина на човекот, дека доброто секогаш ќе го победи злото, а некои верски поуки потсетуваат дека злото секако ќе бити казнето, дури "и до седмото колено". Оние кои се особено убедени во човековиот морал учат дека **ќе дојде епоха на добрината**, или, поточно, време кога со подемот на знаењата ќе се изградат и сообразни човекови вредности со кои во животот ќе процути доброто. Таков антрополошки приказ, со детално раскажување за развитокот на човештвото и за напоредниот подем на добрите цели и односи, а посебно за тоа што специјално ќе се случува во иднината, онака како што човештвото ќе напредува заедно со знаењата, даде францускиот научник и револуционер Кондорсе.

Жан Антоан Никола **Кондорсе** е роден во 1743 година во северна Франција. Со 26 години овој талентиран математичар, економист и философ е избран во Академијата на науките, а со 30 стана нејзин постојан секретар, а потоа е избран и за член на Француската академија (во централниот систем на академиите, во Франција постојат 5 академии, покрај регионалните). Кондорсе се здоби со голем углед како научник, организатор на истражувањата и соработник на Енциклопедијата. Со ова потсетуваме на улогата која научниците-енциклопедистите ја имале како сериозна опозиција во тогашна Франција, како и на местото што науката го има во општественото движење, што ќе биде основна тема на капиталното дело на Кондорсе. Тој објавил книга за теоријата на веројатноста, како и биографии на академиците философот *Волтер* и на економистот *Ан Робер Тирго* (1727-1781), кој бил истакнат просветител, економски теоретичар, дури министер на финансиите, кого сплетките на дворот го избркале од функцијата кога можеше да ѝ помогне на разнебитената земја, а кој барал слободна економија (со што влијаел на *Адам Смит*), се заложувал за верска толеранција и верувал дека прогресот зависи од подемот на знаењата.

Кога во 1789-та избила Револуцијата, Кондорсе бил меѓу првите угледни револуционери. Избран е (1792) за *претседател* на Законодавното собрание, каде изложил проект за педагошки промени, прв вовел јавно образование, а општото образование го проширил и за возрасните. Наместо веронаука во училиштата вовел настава по морал (иако ова е согледано како нужност, стандардно е спроведено дури по едно столетие, малку пред почетокот на XX век Франција да ги оддели државата и црквата). Во новото собрание, наречено Конвент, Кондорсе е потпретседател и именуван е за раководител на комисијата за подготовка на Уставот. Неговиот предлог не е прифатен, но во донесениот Устав тој откри многу идеи што тој ги предлагал и јавно со писмо ги изнесе своите сомневања, Тоа е време на теророт ("кога револуцијата ги јадеше своите деца"), па другата струја јакобинци го осудија на смрт, како и мнозинството негови сомисленици жирондисти. Кондорсе се криел неколку недели, кога напишал книга со светско значење "**Скица за претставување на историскиот прогрес на човечкиот дух**". Го фаќаат и тој се самоубива во затворот во април 1794 година (само месец дена потоа е гилјотиниран најпознатиот француски научник Антоан Лоран **Лавоазје**, 1743-1794, творец на модерната хемија, кој ги открил сушноста и улогата на кислородот и составот на водата, а бил и член на комисијата која го востановила метричкиот систем). Во затворот, откако го завршиl својот литературен труд, Кондорсе го испил отровот од прстенот што му го подарил неговиот пријател лекарот Пјер Жан Жорж **Кабанис** (1757-1808) и му кажал: "Ако сакаш да се занимаваш со политика, еве ти го твојот прстен, можеби некогаш ќе ти затреба".

Во своето трогателно дело, но полно со научен и хуман оптимизам, буквално во трка со смртта, Кондорсе ги поврза во едно прогресот на човечкиот разум и подобрувањето на човечкото живеење и етика. Покрај *социјалната етика* - во која моралот се разгледува во врска со општествените услови и цели, и *етиката на добродетелта* - каде етиката се развива како наука за вредностите, за нивното избирање, градење на добри норми и унапредување на меѓучовечките постапки, овој трет метод *антрополошко-историски* е исто така значаен за етиката, бидејќи го покажува развојот на човекот како суштество и постојаниот подем на моралот.

Таква верба во позитивните потенцијали на човечкиот род Кондорсе ја покажа и во својата математичко-политичка теорија на веројатноста. Неколку години пред револуцијата (1785) во Франција вриело, на повидок била не само криза на режимот, туку во прашање бил и опстанокот на династијата и на државата, која долго време била водена катастрофално (дедото на неспособниот крал Луј XVI, неработен и разблуден Луј XV, кого го воделе дворските дами, губел војни, а земјата пропаѓала, даде без срам најниска изјава од еден владетел - "По мене (може да настапи) и Потоп", митска слика за пропаѓањето на природата и на човечкиот род). Сите барале да се свика собрание на 3 сталежи, каде би се донеле корисни решенија за спас (според образецот на Британија, каде Парламентот веќе имаше корисна улога во корекцијата на самоволието на владетелот). Во Франција сите закони ги донесувал кралот, кој бил деспот (идеален таков бил претходниот Луј XIV - "Кралот Сонце"), а со т.н. тајни налози секој можел да биде однесен во најголемата тврдина Бастилја и без судење затворен на неопределено време. Умните и слободоумните во Франција веруваа во собранието. Кондорсе како познат математичар пресмета дека собраниската одлука со две третини од гласовите може да биде грешка само во 1 на милијарда случаи. Тоа било добро замислено, но тој се измамил во добрите чувства на членовите на собранието, за коишто бил уверен дека пет осмини од нив ќе бидат коректни и ќе решаваат независно. Кралот бил под голем притисок од кралицата

Марија Антоанета (таа, која на веста дека народот нема леб за јадење, отфрлила: Нека јадат колачиња!). Сепак по многу притисоци кралот го свикал собранието, во коешто 2 сталежи (благородници и свештеници) главно ја опструирале работата, што конечно доведе до бунт на револтираната маса, до уривање на Бастилја и до воведување на република. Кондорсе дојде на челото на Националното собрание, кое го судеше кралот и е донесено решение да биде убиен. Кондорсе бил против, како и неколку други посмирени и поумни пратеници, но немало менување - оние кои му простувале на кралот, сите подоцна брзо биле осудени на смрт.

Во книгата која ја пишуваше во деновите на своето бегство и ја заврши во занданата, а со полна надеж му ја остави на потомството, Кондорсе се концентрираше на идејата дека **човечкиот род во секој нов период од развојот освојува нови знаења и го унапредува моралот**. Јасна е *еволуционистичкаӣа* концепција, која започна да ја освојува науката, но размав ќе доживее кон средината на идниот век. Кондорсе верува во општата **тенденција на човекот за усовршување**. Почнувајќи од *варварсшвошо*, коешто е утврдено кај разни народи, во историјата, а исто така и во новооткривените области со современите географски истражувања на Кристофор Колумбо (1450-1506), Васко да Гама (1469-1524) и др., во следните историски периоди се развива човечка цивилизација со морални појави, вредности и норми. Кондорсе не ја осудувал цивилизацијата, као пред него **Жан-Жак Русо** (1712-1778), за назадување на човечкиот род и морал, туку оптимистички во секој следен степен на развитокот го поврзувал подемот на знаењето со подобрувањето на моралот, и така сé до современата ера, а и по неа, за која не знаел дали ќе ја дочека, но бил сигурен дека ќе претставува унапредување на хуманоста и на етиката. Тоа пред него го кажуваше популарнот научник **Бернар Фонтенел** (1657-1757), кој живееше цело столетие, кој укажуваше дека со акумулацијата на знаењето и со брзиот развој на науката човештвото ќе ја надмине Антиката, што ќе покажува дека **прогресот нема дефинитивна граница во иднината**, дека човештвото може "бесконечно да се усовршува".

Кондорсе набројува 10 етапи на човечкиот развиток - 1. ловечка, 2. пастирска, 3. земјоделска, 4. Хелада, 5. Рим, 6. Римско Царство до крстоносните војни, 7. период од крстоносните војни до пронајдокот на печатарска машина, 8. фаза од воведувањето на печатарството (револуција во културата) до *Декарт* (кого го велича затоа што на луѓето им укажал да не признаваат друг авторитет освен оној који може да е прифатлив за нивниот разум - "човечкиот разум уште не бил слободен, но се знаело дека е создаден за да биде слободен"), 9. епоха од Декарт до Револуцијата 1789-та, во која е откриен и претставен вистински човечки систем на физичкиот и општествениот свет, 10. фаза која започнува со Револуцијата и која ќе реализира бележит напредок на човечкиот род. Во обемната книга, според епохите, детално се претставени духовниот, научниот и етичкиот развиток на човештвото, трудот, знаењето, моралните норми, творечките личности и творбите кои го поттикнувале моралното усовршување на луѓето - но, исто така, и причините и формите на слученото опаѓање на моралот, до коешто доаѓало заради погрешните решенија и различното суеверие и фанатизми.

Идејата на **прогресот** Кондорсе је прихватил од **Френсис Бекон** (1561-1626), кој ја беше вградил во својата основна цивилизациска идеја на напредувањето на знаењето, на човечките освојувања и на новите односи. Во Франција таа мисла ја разви **Дени Дидро** (1713-1784), прочуенииот творец на *Енцикопедијаӣа*, како највисок дострел на цивилизацијата до тој миг. Тој прогресот го сметаше за основен закон на развитокот на природата, во природата за импулс за развиток на човештвото, а во човештвото за јадро на развојот на науката. Сé напредува и секој

нов миг е само израз и стапка на прогресот. Оваа идеја ја разнишувале верските судири и воздигнувањето на владетелскиот апсолутизам. Кондорсе ја следи идејата на водачот на енциклопедистите, па и за него човештвото е највисокото ниво на општиот развиток. Бидејќи има нервен систем, човештвото ќе се издигнува неограничено. За таков бесконечен развиток човештвото има оправдување во ширењето на светлината на умот и во потиснувањето на религиозното реакционерство. **Прогресот на науката е најголема гаранција за човечката среќа**. Овој апостол на човечките надежи и соработка најавува блескава ера на човештвото. Таа нема да дојде од небото, неа ќе ја изградат луѓето на земјата, заедно со напредувањето на науката, со техничките и индустриските достигања, со достапноста на образованието за сите, со изедначувањето на половите. Така ќе се ослободат досегашните пасивни човечки сили.

Визиите на Кондорсе се **свртени кон иднината**, па затоа претставувањето на развитокот на човечкиот род во минатите епохи е само основа за современите и проширени научни сознанија, а најважното (дури и кај тој човек кого што утре го чека смрт) е согледбата на утрешницата. Со конкретните и со општите научни сознанија тој ја поврзува и етиката. За Кондорсе **етиката е сила која го влече напред човечкиот род**. Тој верува во природната добрина на човекот, за него "вистината, добрината и среќата се поврзани со нераскинлива врска". Поврзани се и личниот и социјалниот морал со политиката. За унапредување на живеењето нужни се не само морално воспитување, туку и подобрување на законите и на јавните институции. И ова е последица од научниот развиток, а неговата цел е да се усогласат индивидуалните и колективните интереси. Вештината на законодавецот е да го укине евентуалниот судир помеѓу нив, а институциите да ги суреди така што на човекот да му е лесно да биде добар и да не паѓа во искушение да згреши.

Кондорсе ја развива етиката како вера во општ и морален прогрес. На земјата има уште темнини, но етиката го поттикнува човекот да создаде трајно добро. Како што **Боециј** (480-525) наоѓаше во философијата утеха во занда765ата во деновите пред смрт, така сега Кондорсе во **етиката гледа прибежиште**, коешто не може да му го одземе никакав гонител, како и рај којшто си го изградил човековиот ум, а којшто со прелесни радости ја исполнува љубовта спрема човештвото.

Тој је изложи идејата за органско растење на единките, за изградба на повиш, посовршен тип на човек во новите културни и социјални услови. Верувал дека луѓето ќе бидат подобри затоа што ќе знаат повеќе, а тоа несомнено ќе се случи, зашто за Кондорсе било видливо дека човештвото влегува во епоха на поголеми знаења. Тој само ентузијастички зголеменото знаење го поврзувал со подемот на моралот. Тоа типично просветителско мислење го развивал во истата епоха и мислителот и писател **Готхолд Ефраим Лесинг** (1729-1781), раздвижувач на германското Просветителства, автор на прекрасните книги "Лаокоон" (за доживувањето и смислата на истоимената вредна античка скулптура), "Натан Мудриот" (која денес е особено ценета, затоа што укажува дека добрината не зависи од религијата во која верува личноста и дека треба да се биде верски толерантен) и "Образование на човечката раса", во која се покажува дека секоја религија со нешто придонела за човечкиот развиток и дека целта на човештвото е да достигне фаза на ново евангелие, во која образованите луѓе ќе го бараат и почитуваат она што е исправно затоа што е правилно, а не за некаква награда. Кај Лесинг развитокот на единките се случува со низа реинкарнации, коишто стапка по стапка единките и човештвото го водат кон совршенство; кај Кондорсе станува збор за понаучно сознание за наследувањето на здобиените позитивни квалитети. Тој верува дека ќе се зголемув**а природната дарба на единките во интелектуална и во етичка смисла**.

Од Револуцијата во 1789-та, истакнуваше Кондорсе, започнува периодот на **вистинскиот прогрес на човештвото**, кога ќе се завршат 3 лоши тенденции од минатото и ќе се покажат нови вредни процеси - уништување на нееднаквоста меѓу народите; надминување на нееднаквоста во рамките на истиот народ (меѓу класите); и неограничено унапредување на човекот на интелектуален, физички и на морален план. За Кондорсе новите идеи на Револуцијата претставуваат победа на вистината, правдината и на чесноста, како резиме на целиот досегашен развиток на историјата и отворање на новиот човечки прогрес.

На крајот од своето капитално историско-прогностичко дело, чиј наслов скратено може да се изрази "Прогрес на човечкиот разум", Кондорсе топло го **поздравува новото човештво**, кое ќе живее без војни, насилство и суеверие. Тој замислува едно прекрасно општество, во кое основните лозунги-правила ќе битат *Еднаквост* и *Братство*. Таа книга треба да ја прочита секој хуманист, како поддршка на оптимизмот, кој денес е загрозен со оправданиот песимизам (реализам) заради лошите човечки постапки спрема Природата и помеѓу луѓето. Да се надеваме дека Кондорсе само малку порано отколку што тоа реално ќе се случи видел во историјата висок морален развој на човекот. По него, **Огист Конт** (1789-1857), кој исто така ќе говори за историскиот развиток на човекот и на моралот, ќе го нарече Кондорсеа свој духовен татко.

**Етички мисли на Никола Кондорсе**

"Развитокот на човечките способности нема граници, моќта на човекот да постигне совршенство навистина е безгранична, успесите на тоа усовршувања не зависат од некоја сила, која би посакала да ги попречи, границите се само траењето на нашата планета, на којашто природа определила да живееме."

"Сите човечки знаења, без оглед на различноста на својот предмет, на својот метод или на квалитетите коишто тие ги побаруваат од умот, заедно учествуваат во прогресот на човечкиот разум."

"Сите просветени луѓе треба да се сметаат за пријатели на човештвото и еднодушно да работат заедно на човечкото усовршување и среќа."

"Нашите современици не би требало да пропуштат ништо за да ги сочуваат и зголемат знаењата, ако сакаат да станат или да останат слободни и да си ја обезбедат својата слобода, и ако не сакаат да ги загубат оние предимства кои им се донесени од знаењата."

# 54. Џереми Бентам
## ПРЕСМЕТАЈ ГИ ПРЕДНОСТИТЕ!



Етичарот има свои причини зошто застапува некое етичко решение. Тоа може да биде израз на националните искуства или на неговото лично доживување на моралот и на односите помеѓу луѓето. Тоа е негово видување на најдобрите етички вредности, на она што тој верува дека треба да биде вистинско однесување на луѓето. Тие предлози понекогаш се многу едноставни, но мислителот сигурно сакал да каже нешто важно кога го предлагал тоа. Таква е **идејата за морално сметање**, која ја даде англискиот етичар Џереми Бентам.

**Џереми Бентам** бил прочуен правник и учител, што се одразува и во неговите идеи и етички препораки. Роден е во 1748 година во адвокатско семејство. Од третата година на животот учел латински, старогрчки и француски. Дипломирал на Универзитетот во Оксфорд. Бил многу заинтересиран да им прави добро на луѓето и на општеството, тогаш се зародени идејата и движењето за *филантропија* ("љубов за човекот"), која оттогаш повремено била клучна во животната организација и култура, а дури и денес се размавнува со своите морални цели и визии. Бентам го истражувал правниот систем и предлагал модерни хумани решенија за судството и за системот на казните. Истата посветеност ја искажал и спрема прашањата на етиката. Идеите ги изложил во делото "Вовед во начелата на моралот и на правото" (1789). Обемната книгата "Деонтологија или Наука за моралот" објавена е посмртно (1834).

Со своите идеи Бентам воспоставил учење наречено **утилитаризам**, кое денес - по дополната од Џон Стјуарт Мил, синот на Бентамовиот пријател и едномисленик Џејмс Мил - е **највлијателната етичка доктрина на современото развиено општество**. Бентам починал во 1832 година, откако направил разни **добротворства.** Дал пари да се отвори и првиот вистински граѓански факултет во Англија - Универзитетскиот колеџ во Лондон, во кој студентите не се бирале според верската припадност (таму денес стои неговата кукла во природна големина и старовремска облека).

Џереми Бентам бил сконцентриран да открие според кој критериум може да се проценува етичката вредност на доживелиците и на постапките. Според него, за тоа мора да се земе предвид **корист**а на самата единка на која тоа ѝ се случува и која прави такво нешто, како што треба да се има предвид и корист за заедницата на која ѝ припаѓа тој човек. Според латинскиот збор за корист и за доброто за некого `utilitas`, овој етички правец е наречен *утилитаризам* - меѓутоа, не станува збор за користољубивоста и за стремежот само кон материјални придобивки како ниски или негативни етички цели, туку за вистинската полза за себе и за сите, како *доблесна вредност*.

За луѓето користа е во **задоволството и среќата**, укажува Бентам. **С**реќа и задоволство посакуваат сите човечки суштества и се стремат кон нив, тие ги насочуваат своите желби и акции кон нивно остварување. Спротивно, луѓето не ги сакаат *болкаша и сшрадањешо*, нив негативно ги оценуваат и прават сé да не им се случуваат. Така етичките визии и морални определби се врзани за нешто интимно, за чувствата. Задоволството и среќата се нешто позитивно, добро, исправно; болката и страдањето се нешто негативно, зло, неисправно. Кон првото луѓето се стремат, второто се трудат да го избегнат.

Истото луѓето го посакуваат и за другите човечки суштества. Тие сакаат сите да бидат среќни и да имаат задоволства, а да ги одминуваат несреќите, страдањето и болката. И правото, според Бентам, е систем кој осигурува дека секој може да ги оствари своите цели, а да не им прави штета на ближните. Според основниот стремеж на минимализацијата на страдањата и максимализацијата на среќата, Бентам го определи лозунгот на етиката како: **Најмногу среќа, најголема среќа за најголем број луѓе**.

Никулците на оваа идеја половина век порано ги има изложено шкотскиот етичар **Френсис Хачесон** (1694-1746), професор по морална философија во Глазгов, кој ги продолжува учењата за *моралношо сешило* на Шефтсбери (1671-1713); покрај петте сетила, во свеста постои сетило за убавината (треба да се има природна моќ да се почувствува убавото - кое го доживуваме не само во убавите нешта, туку и во универалните вистини, моралните принципи и моралните дела), па "јавно сетило" со кое чувствува задоволство заради среќата на другите и нелагодност заради човечките страдања, како и сетило за чест или за пофалба и вина. Сетилото за морал претставува способност да се прават морални дистинкции и да се има задоволство од добронамерната активност, со неа се одобруваат чесните, а се негираат нечесните намери и постапки. Според Хачесон, тест за правилна постапка е "најголемата корист за најголемиот можен број луѓе". Тој принцип е важен и кај **Џозеф Присли** (1733-1804), свештеник и голем хемичар, кој поради поддршката за Француската револуција мораше да емигрира во Америка. Во делото "Есеј за певите начела на владеењето" (1776) објаснува дека етиката е вкоренета во принципот на општата среќа, а начелото на "најголемото добро за најголем број луѓе" го определува како вистинска и рационална цел на секоја власт. Италијанскиот философ и правник (како и Бентам) **Чезаре Бекарија** (1738-1794) ја изнесе етичката идеја за "најголема среќа за најголем број луѓе". Бентамовиот современик **Вилијам Гудвин** (1756-1836) го изнесе барањето "постапувањето да ни биде такво да придонесува за најголема корист на најмногу луѓе".

За реализирањето на вака сфатената *добра корисш*, според Бентам, мора да помогне разумот. Одбирањето, размислувањето за тоа што да се стори за да се оствари среќата и да се избегне болката, постојаната корекција на намерите и на последиците кои треба да водат кон среќа и чувство на задоволство, а не кон страдање и болка - тоа е работа на **разумот**. Тоа е една општа европска теорија за улогата на разумот во животниот пат. Уште Аристотел учел за дијаноетичките добродетели, како умствени квалитети и сили на единката, кои ја остваруваат нејзината рационална функција. Тие добродетели се: умност, разборитост, мудрост, промисленост и рационалност.

Бентам изградил теорија за пресметувачката улога на разумот. Овој треба да ја согледа реалноста и предностите на различните-спротивните постапки и да ги спореди оние нешта кои човекот треба да ги направи за да си обезбеди среќа за себе и за другите, а да го избегне страдањето. Тоа значи да се

сопостават вредните и невредните, добрите и лошите, посакуваните и непосакуваните елементи. Тоа е наречено **морално сметање**.

Бидејќи основата на нашето однесување кон светот и база за планирањето на животот и однесувањето се задоволството и болката - таблицата на моралното сметање што ја препорачува Бентам има 7 елементи на нивното доживување. Тоа се: 1. интензитет, силина на задоволството или на болката; 2. нивно траење; 3. сигурност или несигурност на нивното доживување; 4. близина или оддалеченост на нивното чувствување; 5. плодност (произлегување на натамошни слични последици); 6. чистота (евентуално произлегување на спротивни последици); и 7. опсег, број на личностите на кои тие нешта се однесуваат, кои се опфатени со позитивните или негативните задоволства на личноста.

Со внимателно, правилно и доследно пресметување на овие елементи, човек може **лесно, со мирна совест и полезно да донесе решение што да прави**. При тоа поопределено ќе прави добро и ќе го одбегнува злото. Всушност, не станува збор за алогично однесување спрема задоволството и страдањето, туку за *рационален пристап* и дејствување за обезбедување на погодни животни околности, добри доживелици и среќно живеење.

Таблицата на моралното сметање е општо применлив метод во прашањата на моралот и на нашите постапки. На парче хартија се запишува проблемот, вредноста или постапувањето за коишто станува збор - на пример, пиењето алкохолни пијалаци. Од левата страна се впишува графата Задоволства, од десната Страдања. Во средината се наведуваат седумте елементи на Бентам. По ред се оценуваат нашите согледби со бројчен соодноc (од 1-10, или од 1-5, или со точки) од левата и десната страна - првин, за претпоставената или доживеаната силина на задоволството од пиењето и за реалноста на страдањето од него, а потем траењето на задоволството и на болката. Следува оценка на квалитетот на задоволството и на болката - дали станува збор за нешто сигурно добро и сигурно лошо. Потоа се размислува за блискоста на последиците за мене. Потем се оценуваат последиците што следат од моите дејства - дали од нив се раѓаат други задоволства и страдања и колку, а тогаш вкрстено дали се раѓаат спротивни пријатности и болки, и колку. Се оценува и задоволството и страдањето кои од нашето пиење го имаат другите луѓе - секој близок одделно и сите со кои сме во контакт заедно. Од впишаните бројки и нивниот збир лесно ќе видиме што треба да правиме.

Секој треба да го направи ова, па евидентно ќе види дали ќе одбере да пие како вид постојано и стандардно однесување, негово и на блиските. А треба да проба, пак, да направи, на пример, оценка за желбата да им се помогне и да се направи добро на другите. Веднаш ќе ја забележи разликата во сметката.

Затоа Бентам моралното сметање го препорачува како добар психолошки образец и **применлив етички метод**. Разни нешта во животот човекот ги доживува и смета како пријатни или болни - и според тоа реагира. Моралната математика укажува дека тоа не е достатно. Поадекватно е и ако се согледа елементот на нивната јачина и нивното траење како должина на присуството. Важна е човековата увереност во нивната реалност, како и во силината при оддалеченоста од мигот на доживувањето. Сметањето води сметка и за значењето и последиците од нашиот избор за што поголем број луѓе, со кои заедно живееме, а кои претставуваат природен елемент на нашето постоење.

Идејата за моралното сметање го истакнува значењето на рационалниот однос за содржината и квалитетот на моралот на личноста - како и за вкупниот морал во една човечка заедница. Моралот зависи од дејствувањето на луѓето во

заедницата, од нивната етичност, како и од целината на однесувањето (неговата насоченост, вредности и норми) во тоа општество. Пресметувањето значи внимателно, правилно и доследно согледување, набројување, споредување и оценување на пријатноста и непријатноста на нештата, за човек полесно да ги согледа приоритетите и поправилно да реши што да прави.

Со ова се истакнува дека и за човековата личност и за заедницата е мошне важно да се прави **правилен избор**. Едни наспроти други стојат разни видови однесување и норми, кои суштествено се разликуваат. Изборот потекнува од основната слобода на личноста да го планира својот живот и дејствување. Секоја личност мора да знае дека од изборот зависат нејзината среќа, нејзината положба во моралната заедница, состојбите во заедницата и последиците за блиските, како и за вкупната етика. Затоа етичката личност внимава при определбата за вредностите и постапките - за со нив да обезбеди нешто добро, а да го избегнува злото. Следствено, не е достатна само општа определба за Доброто, туку е нужна и конкретна и постојана позитивна морална акција на единката.

Со моралното сметање си помагаме во определувањето на **етичките приоритети**, на она што е поважно, што треба попрвин да го направиме, што ќе има подолготрајно и посуштествено значење за нас и за блиските. Исто така, со етичкиот избор се определуваат и димензиите и обемот на прифаќањето на некоја вредност и на сличните норми. Со избирањето ние се определуваме за содржината на моралот која ја сакаме и одбираме, се изјаснуваме за тоа што ќе прифатиме а што ќе отфрлиме и избегнуваме, ги замислуваме и спроведуваме видовите дејства кои ни се допаѓаат и кои ги сметаме за сообразни за нас, се решаваме за формата на однесувањето како начин на кој се спроведуваат моралните решенија. Особено ги согледуваме и оценуваме *последиците* од нашите одлуки и дејствувања.

Оваа своевидна морална математика не е аритметика, каде што бројките ќе дадат неприкосновен резултат, како 2+2 = 4. Ќе има и такви точни резултати - на пример, за земањето дрога, или за дружењето со криминалци, или за правењето дела за да се уништи некој. Овдека повеќе станува збор за *морална алгебра* - каде што определувањето на варијаблите и операцијата со нив ги вклучуваат и вредноста на посоченото прашање, последиците од дејствувањето, како и нашиот личен однос кон нив.

Бентам истакна дека оваа теорија не е нова, ниту непотврдена, но дека е полезна: “Во неа нема ништо што не е во совршена согласност со искуството и со практиката на луѓето секаде каде што тие јасно си ги согледале своите интереси“. Некои го осудуваат оваа сведување на односите на луѓето на начелото на корисноста односно на “сметање“. Се истакнува, божемски, оваа етичка конструкција произлегува од буржоаската реалност и насоченост сите односи да имаат трговски квалитет.

Теоријата навистина е типично британска и граѓанска, но од неа зборува и универзалниот европски рационализам, како и општата самосвест на луѓето за можноста и потребата од самоконтрола и правилен избор според согледаните приоритети. Утилитаристичката теорија за грижа за сите луѓе, како и моралното сметање на Џереми Бентам, всушност, мошне едноставно објаснува дека човек треба да си биде добар и разумен пријател себеси и на сите луѓе.

**Етички идеи од Џереми Бентам**

“Треба да се собере вредноста на сите задоволства, од една страна, и вредноста на сите болки, од друга страна. Ако резултатот претежнува на страната на задоволствата, значи дека станува збор за позитивна тенденција на некоја постапка со оглед на интересите на

некоја личност, а ако претежнува на страната на страдањето, тоа значи да има негативна тенденција...

Тогаш срамнете ја сметката. Доколку, со оглед на сите луѓе, претежнува задоволството, тоа укажува на тоа дека таа постапка има позитивна тенденција. Ако претежнува страната на болката - таа постапка има општ негативен квалитет.

Не треба да се очекува дека овој процес стриктно ќе се изведува пред донесување на секој морален суд или пред секоја законодавна или правна одлука. Но, тој секогаш може да се има предвид. Ако процесот што тогаш се спроведува повеќе му се доближува на изложениот, толку повеќе тој ќе има карактер на егзактност.“

## 55. Клод де Сен-Симон
## ДОБРИ СЕ САМО ОНИЕ КОИ РАБОТАТ



Етиката е практична дисциплина. Нејзини теми се како луѓето дејствуваат и како треба да постапуваат. Затоа таа расправа за сите сфери на човечкото однесување. Во разни епохи се обработувани најразлични проблеми и се предлагани вредности и норми сообразни со движењето на човештвото и со дилемите пред кои стојат луѓето. На прагот на современата епоха многу се расправаше за местоположбата на човекот во општеството, за тоа **какво е значењето на индивидуалната улога на човекот во заедницата**. Едно од најинтересните учења во таа смисла даде францускиот револуционер и духовен водач Сен-Симон.

Клод-Анри де Рувроа, гроф де **Сен-Симон** е роден во 1760 година во едно од најстарите француски благороднички семејства ("кое било постаро и од кралското"). Зборот аристократи ги означува оние кои се најхрабри и најрешителни (*хел.* "најдобри"). Клод-Анри своето благородништво го разбираше не како истакнување на "сината крв", со која аристократите божемски се разликуваат од обичните луѓе, туку како предводење на промените. Бил задоен со духот на *модернизмот*. Со 17 години стапил во војска и се пријавил да оди да ја помогне народноослободителната борба на новата држава САД против Британците. Бил опседнат со нововековната и енциклопедиска идеја дека луѓето треба да ги искористат своите знаења за да ја завладеат природата. Заминал во Мексико, за на царот да му предложи да се прокопа канал помеѓу двата океани (што ќе се реализира во Панама дури по еден век). Во Шпанија нудел да направи канал со кој престолнината Мадрид, среде Пиринејскиот Полуостров, ќе се поврзе со морето. Кога во 1789 година избила Револуцијата, се откажал од грофовската титула и си зел име Клод-Анри Боном (француски израз за "обичен човек", " добродушен").

Се зафатил со бизнис, за да собере пари за основање на големо претпријатие, "научна академија за усовршување", но не успеал. Во екот на јакобинската ера бил затворен, сепак ја докажал невиноста кога завршила радикалната пресметка во општеството. Сé повеќе се посветувал на научни, економски и философски студии. Почнал да верува дека има *месијанска* улога да им го покаже на луѓето вистинскот пат и да ги увери во најдобрите животни решенија. Од 1802 година почнува да објавува дела: "Писма на еден жител на Женева до своите современици", "Вовед во научните трудови на XIX век", "Нова Енциклопедија", "Историја на човекот", "Индустриски систем", "За реорганизација на европското општество", "Катехизам на индустријалците", "Ново христијанство" и многу други. Тие ги покажуваат неговите интересирања за науката, социјалните прашања, антропологијата, за водењето биизнис и за етичките вредности. Бил многу сиромашен, делата ги објавувал со крајни маки со помош од блиските. Но, станал познат и младите луѓе се дружеле со него, заземајќи ја улогата на негови "секретари"; помеѓу нив биле и познатиот историчар Огистен Тјери, мислителот, етичар и социолог Огист Конт и др. Сен-

Симон умрел во 1825 година, како бард на новиот дух на слободата, оставајќи им на учениците да создадат "социјална поезија" од неговото учење.

Идеите на Сен-Симон се многу интересни. Иако подоцнежните мислители од слична провениенција го критикувале како "утопист", како оној кој не води сметка за реалноста и инсистира на своите соништа, Сен-Симон засновал разни нови погледи, кои ќе бидат доминантни во современата епоха - дал импулс за создавање на социологијата како наука за општествената структура и динамика; еден е од основоположниците на важното учење за класните судири и класната историја на човештвото; инспиратор е на менаџерската идеја и практика (кои ќе се воспостават дури по сто години, за денес да бидат еден од двигателите на економијата) итн. Во етиката даде клучен придонес со својата **антрополошко-социјална теорија за вредноста на луѓето според нивната работливост и работна реалност**, како и **за моралната вредност на заедницата според поддржувањето на оние кои работат и придонесуваат**.

За Сен-Симон човекот е активен елемент во закономерниот историски развиток од епоха во епоха. Човекот не може да се откаже од своите желби и надежи, т.е. иднината да ја изведува со студен ум од она што минало. Таквиот човек би бил подреден на фаталноста на судбината. "Таквиот човек не постои во природата", вели Сен-Симон. "Сите заинтересирано гледаат кон иднината", тоа претставува основа за нивниот животен став. Во современата епоха тој став треба да се потпира **врз науката**, која, истакнува мислителот, уште не дава согледба за деталните елементи на живеењето, но овозможува да се откријат тенденциите и нужните насоки. Сен-Симон посочува дека треба да се биде историски оптимист: "*Златниот век* на човечкиот род не е воопшто зад нас; тој е *пред нас*. Таа епоха ќе настане кога ќе се усоврши општествениот систем. Нашите предци немале согледба за него, но нашите деца еден ден ќе стигнат таму. Ние имаме задача да им го отвориме патот".

Тој пат тој го отвора со својата критика и насочувачки гледишта. Во три точки ставовите на Сен-Симон се клучни за натамошниот светски развиток. Во XVIII век беше развиван критички став спрема благородниците (и целото нивно опкружување) како непродуктивен слој, кој живее врз грбот на оние кои работат. Резимирајќи ги овие погледи, кои ја поттикнаа и Француската револуција, Сен-Симон предлага **политиката да се претопи во економија** и да се загуби, односно да биде релевантно произведувањето на животот, а со општеството да владеат оние кои произведуваат. Тоа тој ќе го развие и во критика на негативните појави на капитализмот. Сен-Симон укажува дека не е добар системот во кој сиромашните се великодушни спрема богатите (им овозможуваат богатење), во кој големите крадци ги казнуваат малечките престапници и во кој неспособните владеат над способните.

Тој шеговито посочи да се замисли Франција одеднаш да ги загуби педесет најдобри физичари, сликари, конструктори, лекари, часовничари, трговци, фабриканти од сите видови, ѕидари и разни занаетчии. Што би се случило кога земјата би останала без "најважните творци, луѓе кои даваат најважни производи, кои раководат со најкорисните работи за нацијата"? Кога би го загубила "*цветот на општеството*", Сен-Симон знае дека неговата земја би станала инфериорна и дека би имала второкласна улога, "додека не би се надоместила загубата, додека нејзе повторно не би ѝ израснала главата". Природата не се расфрла со луѓе чија карактеристика е вистинска корисна работа. Потоа Сен-Симон изложува втора претпоставка: што би се случило кога Франција истиот ден би го загубила царевиот брат, низа големи принцови (ги наведува нивните имиња), сите големци и министри, советници и маршали, сите

службеници во власта и десет илјади поседници? Тоа би ги растажило срцата на сите, но тоа за државата не би претставувало "никаква политичка штета". Тие места, смета Сен-Симон, би можело лесно да се надополнат.

Тој истакнува дека земјата може да процути само ако се развиваат науките, уметностите, занаетите и индустријата и техниката, за што наведените големци не се грижат ниту го прават. Сен-Симон извлекува заклучок дека "(во политичка смисла) човечкиот род уште е **заглибен во неморал**" - затоа што не ги сака и не ги поддржува единствените луѓе чија работа реално е корисна, туку нив ги подредува на принцовите и на другите владетели ("неспособни рутинери"), затоа што оние што се на власта својата положба ја обезбедуваат со додворување, сплекти и други нечесни дејства, затоа што владетелите даноците ги користат за себе, а не онака како што би било полезно за поданиците. За Сен-Симон, "денешното општество навистина е поставено на глава", зашто способните, работливите и штедливите се третираат како потчинети на крадачите и мрзеливите, а "токму на најнеморалните им е дадено да шират добродетели кај граѓаните ".

Втората значајна идеја на Сен-Симон е дека политичкото **владење над луѓето треба да се претвори во владеење над предметите**, во раководење со производните процеси. Според него, надминато е старото право владетелите да се сметаат за сопственици на своите народи. Новото политичко начело е дека "*управувачите се само службеници на народот*", дека "единствената и исклучива цел на општествениот систем е *среќата на народот*". Како да се обезбеди среќата на општеството, која, според Сен-Симон, значи за луѓето да бидат задоволени нивните телесни и духовни потреби? Тоа е цел на науката, уметностите, занаетите и индустријата. Само во овие области работите се корисни за општеството, "вон од тоа се само паразити и оние кои се алчни за власт". Сен-Симон ќе постави аксиом: "Дејноста на човекот врз човекот секогаш, самата по себе, е штетна за човечкиот род. Корисна е само она дејност која човекот ја извршува врз предметите".

Основата за овие и другите погледи кај Сен-Симон потекнува од суштествениот став дека "сите треба да работат", односно од **етичкото учење дека луѓето се разликуваат на оние кои работат и оние кои не работат**. "Да се може, да се сака и да се знае се трите услови кои треба да се исполнат за некој зафат да се заврши со успех", вели Сен-Симон; тоа важи и за дејството на еден човек и кога станува збор за потфат на поголема група, или на нацијата, или на целото општество. Проблемите настануваат кога не се обезбедени сите три услови; посебно е болно ако овие услови недостасуваат во организацијата на општественото живеење. За Сен-Симон најголем пропуст е што општествата се водени од личности кои не се способни, не се грижат за знаењето и не им е гајле за народот. Затоа посочува дека сите нешта во животот зависат од работењето, од трудењето, од амбицијата да се научи и стори повеќе - и за себе и за сите други. Тоа е **изворот на добрината**.

Загрижен за напредокот на луѓето и на нивното живеење, Сен-Симон инсистира на **значењето на производителите** (тој ги нарекува "индустријалци" - во францускиот јазик "индустрија" значи производство, стручно правење нешто). "Индустријалецот е човек кој работи за да произведе или стави на располагање на членовите на општеството едно или повеќе материјални средства за подмирување на нивните потреби". Во овие трудбеници спаѓаат сите кои настојчиво и со знаење работат и раководат на сите полиња во економијата, сите кои создаваат. Спротивно стојат оние кои трошат, го користат туѓиот труд или се рентиери (живеат од изнајмување на условите за производство). За Сен-

Симон тоа е исто како разликата помеѓу пчелите и трутовите. За него производителите се посупериорни, поспособни од легачите, тие имаат повеќе разум и фантазија, тие се **поморални**.

Затоа Сен-Симон бара производителите да почнат да управуваат со сите процеси во животот: “Човечкиот и Божјиот морал наложува“ на најистакнатите да им се предаде водење на сите важни нешта во заедницата.

На оваа политичка страна од учењето на Сен-Симон најмногу се обрнува внимманието, иако и тој самиот во бројните текстови, како и неговите ученици и наследници во серијата предавања под името “Учењето на Сен-Симон“, ги разработиле и другите аспекти на овој поглед на светот. Оттука потекнале и разни недоразбирања околу позицијата и вредноста на идеите на Сен-Симон. Најголемата нивна вредност била заборавана - а тоа е дека работливоста е подобра од мрзеливоста, творењето од искористувањето, напредувањето од сопирањето, застојот или назадувањето, вкупом дека **работниците се повредни од неработниците**.

По 200 години (што, инаку, е вистински антрополошко-епистемолошки рок во кој може да се провери вистинитоста на некоја идеја), од разните учења на бројните социјални критичари и реформатори најжива е токму **сенсимонистичката концепција за етичката вредност на трудот**. Денес повторно се разбудува потребата да се разлачат оние кои работат (во сите домени и нивоа) од оние кои се поставени над нив врз основа на силата. Исто така, треба да се истакнува поголемата вредност на своето работење од искористувањето на луѓето и на другите економски ресурси (тоа се виде и при последната, финансиска криза на човештвото). Затоа Сен-Симон и неговите придружници како работни и социјални етичари и вљубеници во науката и во прогресот на човештвото со право истакнувале: “Иднината е наша“.

**Етички мисли од Сен-Симон**

“Целта на моите трудови е да се подобри вашата положба. Јас не заземам никаква положба, немам никаква власт. Значи, можам да ви помогнам само со давање на добри совети.“

“Трудот е извор на сите добродетели.“

“Божествениот и човечкиот морал ја повикуваат индустриската класа да ја одигра својата главна улога во општеството.“

“На секого според неговите способности - на секоја способност според нејзиниот труд.“

# 56. Јохан Фихте
## СИЛАТА НА СЛОБОДАТА И НА СОВЕСТА



Етичарите можат да следат некое учење кое е мошне значајно, а кон него да придонесат со своите дополнувања, со ставови кои не биле согледани во оригиналната теорија или со разработка на некој аспект на таа доктрина со своите автентични погледи. Затоа и кај најзначајните мислители може да се сретнат етички учења кои се познати веќе од порано, само ако поновиот истражувач тоа учење го смета за најпогодно за философијата на моралот и за дополна на неговите други погледи (на пример, како што Мајмонид и свети Тома Аквински ги презедоа етичките ставови од Аристотел). Со тоа таквата основна етичка позиција се зацврстува, се здобива со нови приврзаници и станува уште пошироко позната во историјата на мислата и на моралот. Највлијателната етика во новата ера - онаа на Кант - така ја продолжи и во некои елементи и со свои објаснувања натаму ја разработи големиот германски философ Јохан Фихте.

И пред Иманиуел Кант имало значајни мислители во Германија и многумина од нив ја развивале *етиката*, која е карактеристична за граѓанското живеење и за професионалното дејствување во таа централна европска земја - теологот **Мартин Лутер** (1483-1546) предизвика светска *протестантска* револуција, првин од етички причини противставувајќи се на неморалните дејства на Католичката црква, на луксузното живеење на свештенството и на недостојната продажба на простувањето на гревовите (индулгенции), а потоа со силниот развој на народниот религиозен дух во Северна Европа, поврзан со ликот и делото на Исус Христос (Новиот Завет), со одбраната на жителите на градовите (најчесто занаетчии) пред аристократијата и со развивањето на специфично однесување со одговорност, исполнување на обврските и особеното граѓанско почитување на религијата и на своите сограѓани (тоа ќе се рашири и во Северна Америка, каде се населувале бежанци, во прво време најчесто прогонети религиозни групи); мистикот **Јаков Беме** (1575-1624) прв бил наречен "германски философ", а учел, ако *љубовта го победи самољубието*, тогаш ќе се постигне исправност; рационалистот, математичар и дипломат **Готфрид Вилхелм Лајбниц** (1646-1716), следбеник на Декарт, изложил *теодицеја*, тврдење дека Бог овој свет го создал како "најдобар од сите можни светови"; големиот писател, критичар и естетичар **Готхолд Ефраим Лесинг** (1729-1781) учел дека секоја религија дала нешто добро за светот, а во најновиот период човештвото ќе го прави од етички причини она што е правилно, затоа што тоа е добро, а не за да се добие некаква ветена награда: писателот **Јохан Готфрид Хердер** (1744-1803), Кантов студент и најнапред негов приврзаник, а подоцна критичар, еден е од креаторите на философијата на *историјата*, во којашто продолжуваат природниот развиток и подемот на човечноста и на идејата на хуманизмот, а конструктивните сили ги победуваат деструктивните: тој ја инспирира појавата на *романтизмот*, афирмирајќи ја народната поезија на сите народи (посебно на Словените) и

изјавувајќи дека "чувствителниот човек се чувствува себе во сите нешта". Имало и други интересни мислители. Но со Кант германската мисла стана **светски значајна**.

Тогаш револуции се правеа насекаде (во Британија техничка и индустриска, во Франција социјална и политичка, во САД националноослободителна), а Германија заостануваше во современиот развиток. Во неа имаше 20-тина посебни традиционални држави и државички (пред тоа и 200); низ неа се водеа неколку најголеми и најдолги европски војни, со уништувачки карактер; во неа, покрај самостојните градови со извонредни занаетчии, градителство, морепловство, трговија и првично банкарство, доминираше селското стопанство, таа земја беше бедна, со конзервативна аристократија, автократска власт и традиционална етика. Кант и последователите толку ја тласнаа философијата во Германија, што тоа е наречено **револуционерен придонес** на Германија кон светскиот развиток.

Јохан Фихте е првиот голем германски философ по Кант, негов најзначаен последовател. Се прочу со своите идеалистички поставки, со **одбраната на слободата**, како дел од Кантовата етичка концепција, и со изградбата на **теоријата за совеста** како основа за моралната свест кај човекот.

**Јохан Готлиб Фихте** е роден во 1762 година во лужичкиот крај. Студирал во Јена и во други градови. Кога во 1790-та се запознал со идеите на Кант, толку се воодушевил, што отишол да го посети во Источна Прусија (на Балтикот). Потоа објавил "Критика на Објавата"; книгата излегла без име на авторот, а на сите им личела на Кантово дело. Кант го демантирал тоа и го пофалил авторот, а Фихте се здобил со слава. Бил професор во Јена, но го отпуштиле заради неговото бранење на слободата. Во времето на Наполеон, со серија огнени "**Говори до германската нација**" (1808) се застапувал за германската слобода, поврзување и независност; тоа биле настапи на еден либертерски философ, кој го критикувал Наполеона затоа што ги презел и упропастил интенциите на Француската револуција.

Фихте вложил силни заложби да се развијат образованието и науката и да се отвори Универзитет во Берлин. Бил негов *прв ректор* (1810-12). Од многуте дела најпознато му е "Основите на општото учење за науката" (1794), во кое ги испитува функциите на духот како претпоставки за севкупното човечко искуство и за сите науки. Ќе рече: "Сé е живот на Духот", со што го воспостави **германскиот философски идеализам**. Умре од тифус во 1814 година.

Како **субјективен идеалист** Фихте го *отфрла постоењето на нештата по себе* (дури построго од Кант, кој само вели дека нив не можеме да ги сознаеме). Фихте ја истакнува човековата суштност, **Јас**, кое има дух. Човекот вистински е независен од сé надворешно и со својата дејност воспоставува сé што постои, па се гради и самиот себеси. Умот може да дофати сé од самиот себе и самиот по себе.

Фихте укажува дека човекот е одговорен за она што се случува, за доброто и злото што се прави, а тоа не би било можно ако случувањата се детерминирани. Човекот треба да биде свесен за својата *самостојност* и *исклучителност* - тој треба да се изгради самиот себе. Вербата кај нас дека постои надворешниот свет се потпира врз уверeноста дека она за што имаме осети има некоја причина, но не може да се каже дека во надворешниот свет се гледа каузалноста - со претпоставување на причиноста човекот го претпоставува светот. Нашата мисла, всушност, има *дијалектички* карактер; станува збор за мислење низ *теза*, *антитеза* и *синтеза*, кои се предизвикани од активноста на самиот ум. Првиот факт на свеста е: **Јас сум**. Потоа Јас наспроти

себе си поставува **Не-Јас**, за да се осознае. Всушност, Јас може да се воспостави само така ако се разликува од Не-Јас. Така во теорискиот ум Не-Јас го ограничува Јас. Но Фихте му дава **предимство на практичниот ум над спекулативниот ум**, а практичниот ум покажува дека Јас го ограничува, изградува, го менува Не-Јас. Затоа практичното Јас е **апсолутното Јас** (во кое се обединети Јас и Не-Јас), резултат на стремежот Јас да стане нешто апсолутно. Тоа говори и за смислата на **романтизмот** (кој тогаш станувашe доминантен во културата). Фихте истакнува дека "философијата нѐ учи сето да го бараме во своето Јас". Оттаму извира и барањето на Фихте за подобар свет: "Сегашната состојба на човештвото не можам апсолутно да ја замислам како нешто на што треба да се застане... Целиот мој живот тежнее кон идното и подоброто".

Нагласувајќи го приматот на практичниот ум над теоретскиот ум, што го прави и Кант, но не во толкава мера, Фихте вели: "Јас треба нешто да правам за тоа да се случи". Се иницира свест за нужна постојана активност на човекот. Затоа Фихте инсистира дека е суштествена **моралната волја**, како вруток и поттик за дејствување. Вистинскиот повик-задача-мисија на човекот е да се стреми кон *возвишување*, кон совршенство, кон **бескрајно усовршување**. Тоа е натамошно нагласување на Кантовата визија за човечноста како својство на човекот, кое човекот треба да го следи, извршува и развива.

Карактеристика на човекот е дека апсолутно е **слободен** - затоа *основата за секоја философија е верата во апсолутната слобода*. Фихте својата философија ја нарече "анализа на поимот на слободата". Кога човековото дејствување не би било слободно, неговиот труд би бил детерминиран, слично на сенешто во природата. Фихте ја негира пасивната концепција за светот и човекот.

Заради тоа кај Фихте е најважна етиката, моралната философија. Тој му укажува на човекот: **Дејствувај, тоа е твојата највисока определба!** Крајната цел на ова дејствување је *моралното усовршување*, чија основна карактеристика е човековата *совест*. Императивот од Фихте гласи: "**Постапувај според својата совест!**"

Фихте има дадено одличен **опис на совести** и на нејзиното влијание врз човекот: "Тој - **гласот на мојата совест** - во секоја посебна прилика на моето суштествување ми заповедува што определено треба да направам во таа ситуација, а шта во неа треба да го избегнувам, тој глас, само ако го слушам внимателно, ми се придружува низ сите настани на мојот живот и никогаш не ми го скусува своето учество кога треба да дејствувам. Тој глас непосредно го изложува своето уверување и неограничено го поттикнува моето одобрување: јас немам сила да му се противставам... Да го слушам, чесно и непристрасно да му се покорувам - тоа е мојот единствен став, тоа е **крајната цел на моето постоење**. Мојот живот престанува да биде празна игра без вистина и значење. Нешто треба да се случи, и тоа токму затоа што мојата совест тоа го бара од мене, од мене кој сум дошол во таква ситуација за совеста да го бара тоа да се случи. **Јас постојам само за тоа - имам разум тоа да го сознаам; имам сила тоа да го сторам**".

Темелот на човечкото суштество е во *целесообразноста*, која лежи во савеста, како израз на свеста. Не станува збор за задоволување на нагоните и за уживањата, коишто мене ме отуѓуваат од мене самиот и во коишто јас се заборавам себеси. Важен е **нагон за умот**, повисокиот нагон, кој ме воздигнува над природата (тука прозборува Кант!). Тој ме повикува на самопочитување, на мое **достоинство**, кое е човечко етичко својство. Етиката значи да ја определиш својата слобода според умот и начелото на самостојноста. Умното суштество не постои без своето учество. Тоа си е темел на самото себеси, тоа со својата сила и дело треба да се престори во она што

треба да биде. Кантовиот категорички императив Фихте го модифицира во: "**Постапувај така што за максимата на својата волја би можел да мислиш како за општ закон за себе!**" Другата смисла на ова е дека секогаш треба да ја извршуваш својата определба, својот повик, задача, мисија. Извршувајќи го својот повик, човекот го пронаоѓа својот пат и можност за ослободување од природната нужност - така се поврзуваат ставовите за етиката и за слободата. Реализацијата на својата слобода означува реализација на моралниот закон во себеси. Тоа е бескрајна човекова задача: "Совршенството е највисоката, недостижна цел на човекот, а бесконечното усовршување е неговата судбина".

За Фихте највисоката норма се однесува на **постапувањето секогаш според својата најдобра увереност за својата должност**. Треба да се сфати што е моја должност и што треба да правам, токму затоа што сум се уверил што е мојата должност. Тоа значи и секогаш да ја извршувам својата целесообразност како слободно и умно суштество. Важно је секогаш да ја посакувам должноста. **Моралноста е вечна карактеристика**, не станува збор за одделните морални постапки. Обврската настанува со добивањето потврдување од нашата совест, апсолутна должност е без сопственото испитување да не се прифаќа никаква заповест. Ова е тешко да се извршува, но е важно кон тоа да се стремиме, сé повеќе да се доближуваме до таквата цел.

Во општеството е најважно извршувањето на **должноста што ја имаме како луѓе** и **во однос спрема другите луѓе**. Тоа треба да значи создавање на *светска морална култура*, посветена кон **чување на слободата и на правата на секој човек**. Заклучокот на Фихте е целосно *либерален* - целта на современите држави е да ги обезбедува нашите слободи и права. Тој е еден од најзначајните теоретичари на либерализмот, политичката доктрина, која подоцна ќе биде сé позначајна, а чија смисла и начинот и формите на таквото политичко делување пред тоа го објаснуваа Спиноза, Џон Лок и Монтескје и сето тоа е спроведено најнапред во актите и политиката на новата држава САД и во определените тогашни британски решенија (британските бродови да не смеат да превезуваат робови од Африка во Америка и сл.).

Така најдоследниот Кантов следбеник покажа како во философијата се дополнуваат и раѓаат нови идеи, слични на оние што веќе постојат, но коишто органски се поврзани со размислувањето на новиот мислител и со новите епохални барања. Двете теории за слободната волја како основа за моралот, за должноста како суштина на етиката и за неизбежната категоричка императивност ако веруваме во најдобриот морал - ги унапредија етиката и до денес се заедно значајни морални доктрини.

**Етички мисли на Јохан Фихте**

"Конечната цел на човекот е себиси да го подложи сето неумно и со тоа да владее слободно според сопствените закони."

"Кај мене нема ништо реално, трајно, неминливо освен две нешта: гласот на мојата совест и мојата слободна послушност."

"Човекот е определен да живее во општество, тој не е сосема исполнет човек и самиот на себеси си противречи ако живее изолирано."

"Во човекот постои поим на умот и спрема умот соодветно постапување и размислување и тој нужно сака да го реализира тој поим не само во себе самиот, туку и да го види реализиран и вон од самиот себе."

## 57. Симон Боливар

# СЛОБОДА ЗА СИТЕ!



Слободата е за човекот највредното чувство, состојба и доживување. За неа се води долга и остра борба, дури и се умира за неа. Таа е најдоброто нешто за човечкото себеразбирање и за живеењето. Кога Сократ пред смртта рекол дека не вреди да се живее каков-годе живот, туку само добар живот, мислел на слободната егзистенција. Пораката **Слобода или смрт!** не е измислена само на едно место во светот, неа ја познаваат сите народи. Понекогаш ѝ даваат различни содржини, ја поврзуваат со разни видови на живејачка, со работа и со љубов, со располагање со имот и со размислување, со комуникација и со патување, но најчесто со социјалната и со политичката положба.

Моралот е внатрешна или надворешна стега за постигање *човештина во однесувањето* кон другиот или кон средината - освен ако не станува збор за уживањето или за некое необврзно дејствување, небаре во некој свет на имагинарни или чудни движења (низ каков што патува Алиса). Моралот се концентрира на слободата кога таа треба да се освои или да се одбрани, најнапред во социјалната и во политичката сфера. Полни се митовите, историските сеќавања, аналите и книгите со замисли за етичко присобирање или за врвни дела со кои ќе се постигне слободата.

До скоро, **светот беше една голема зандана**, или, поточно, низа големи затвори. Не бевме слободни од Природата и од околностите, од родот и од системот, од управувачите и од духовните водачи. Искачените горе не беа слободни да не ги угнетуваат подјармените. Тиранот можеше да одземе живот некому, но се плашеше за својот. Ретки беа оние слободни духови кои си пронаоѓаа слобода од животот или од традициите со освојување на етички врвови на *независна духовност* (понекој џајнист и будист, стоик и епикуреец, мистик и либертер...). Оние кои повикуваа на слобода или кои ја предводеа борбата за неа - зашто слободата не може само да се даде, секој треба да ја освои за себе! - беа *херои* на епохите, нациите, континентите. Не одеше лесно, и водачите на слободарските стремежи и народот се мачеа и страдаа (ние тоа може да го потврдиме за нашиот народ, исто колку илјадници други групи и народи!). Но **за хероите на слободата нема заборав**. Тие остануваат морални водачи со интегритет и почит, кои времето ги потврдува. Таква е судбината на Симон Боливар, кој целата Јужна Америка ја крена на борба за слобода.

**Симон Боливар** е роден во 1873 година во Каракас, Венецуела. Неговите живееле во Јужна Америка од 1589 година, кога во континентот откриен 100 години пред тоа од шпанска Баскија се доселил предок со исто име. Татко му богат офицер рано умрел, но старателите биле грижливи. Учителите развиле кај него љубов за книгите, ги познавал делата на хеленските и латинските, шпанските, француските и

англиските класици. И потоа, кога војувал, со себе ги носел коментарите на Гај Julij Цезар за галската војна и ги читал во паузите на борбите. Посебно се интересирал за имињата и ставовите на претходниците на Француската ревулуција (1789) и за нејзините водачи; таа запали оган на слободарски чувства во сите млади и независни срца во светот. Кога од военото училиште одел во црква, читал дела од Волтер, вкоричени како псалтир. Станал офицер на 15 години. Во 1799 година замина на 3 години во Шпанија, која (освен Бразил и неколку помали простори) го владееше целиот јужноамерикански континент. Се врати оженет, но жена му почина по 8 месеци и тој повторно отиде во Европа. Патувањата се средство за интелектуално и морално формирање на личноста. Во Париз, како центар на големите Наполеонови операции и средиште на сите слободарски стремежи на таа епоха, имал средба со големиот германски научник **Александер фон Хумболт** (1769-1859), етнолог и еден од првите биогеографи на светот, кој 5 години ја истражувал Јужна Америка. Тој го уверувал дека Венецуела треба да биде независна. Во Рим на ритчето Монте Сакро Боливар свечено се заколна дека ќе ја ослободи својата земја од шпанскиот јарем. За да ја запознае, ќе патува низ целата огромна Јужна Америка. Кога во 1807-та Боливар се вратил дома, неговиот имот вон од градот станал собиралиште на незадоволните со шпанската управа и центар на расправи за политичките теми и за иднината на земјата. Боливар вели: "Ние бевме во положба пониска од ропство". Наполеон влезе во Шпанија, непопуларниот крал абдицира во март 1808, а потоа со синот ја отстапија круната на францускиот император, кој за крал на Шпанија го намести својот неспособен брат Јосиф. Шпанскиот народ крена бунтови и создаде своја привремена влада, па Јужноамериканците не знаеја кој е нивни владетел. И во Каракас имаше исти дилеми. Во 1810-та богатата аристократија ја зеде власта и се приклони кон старите шпански владетели. Сепак, народот и натаму не беше задоволен од страдалничката експлоатација.

Хунтата го унапреди Боливар во полковник и го испрати да бара помош во Англија (прв непријател на Наполеон, чии трупи дојдоа во Шпанија да го соборат братот Бонапарта). Стана јасно дека хунтата се застапува за *независност* на земјата. Бидејќи шпанскиот владетел, за кого се бореа Британците, го прогласи Боливара за предавник, мисијата ги загуби овластувањата. Боливар се состана со **Франциско Миранда** (1750-1816), револуционер од Каракас, генерал кај Наполеон, кој кажуваше: "На борбата за слобода јас бев посветен уште пред Франција и да помисли на тоа". Одеа по европските дворови молејќи за признавање на независноста на својата земја. Кога се вратија назад, не беа прифатени од хунтата, но основаа клуб како во Француската револуција, во кој слободно и бучно се расправаше за политиката и за независноста, која ја замислуваа уште порадикална од онаа на неодамна воспоставената САД. Свикано е собрание на сите провинции за иднината на земјата. Тој прв конгрес не ни помисли за враќање во рамките на Шпанија, *слободата* беше општоприфатениот лозунг од Француската револуција. Во 1811 година Миранда је прогласи независноста на Венецуела. Уставот го подражаваше уставот на САД, но се направи слаба влада, против неа се кренаа приврзаниците на шпанската управа, личните противници и свештениците, а се случи (1812) и голем земјотрес во регионите кои ги држеше новата власт. Саботажи, страв од побуна на робовите, недисциплина на милицијата ја загрозуваа власта и Миранда капитулира (умре во зандана во Шпанија). Новиот генерален капетан на Венецуела спроведе терор, народот не веруваше во Републиката, бидејќи таа ги штитеше имотите на богатите и натаму имаше ропство, а не се навестуваа промени. Боливар беше командант на мал град, но загуби поради побуната во соседниот гарнизон. Замина во Нова Гранада, каде исто така беше воспоставена независна република. Таму Боливар го објави **Картагенскиот проглас** (1912), со кој се

извиши во раководител на слободарската борба. Во прогласот ги објасни причините за пропаста, укажа на разединетоста и на докринерството, кое водеше кон примена на нереални, утописки мерки. Укажа на нужноста од реализам и од вистинска борба за слобода, која ќе биде многу тешка. Владата на Нова Гранада му даде генералски чин на Боливар. Со одред од 860 војници влезе во Венецуела, народот го поздравуваше како **Ослободител** (тоа до денес ќе му биде прекар). Во Каракас градскиот одбор го прогласи за главен командант. Се соседини со свој колега, кој водеше кампања во источните предели. Шпанската војска не можеше да им се противстави. Но во земјата имаше многу тешкотии, се побуни еден поранешен пират Хозе Бовес со жителите на провинцијата Љанос, водејќи ги во пљачкосување (и во слободарските војни секогаш има никаквеци, кои мислат само на својата корист). Толпите разбојници ја урнаа власта, народот бегаше исплашен од гласовите дека Бовес ги убива сите што ќе ги најде (како грозниот Атила). Боливар отиде во Нова Гранада, оттаму на Антилите, во Јамајка и во Хаити. Пристигаше шпанската војска, но злосторникот Бовес во меѓувреме умре, а неговите толпи се разделија во помали групи разбојници, Новиот командант ги освои сите места и изгледаше дека е завршено со движењето за независност.

Боливар не се предаваше. **Слободата е слатка, независноста неопходна!** Тој имаше искуства од својата борба, уште повеќе ги чувствуваше современите светски историски тенденции. Јасно му е дека револуцијата пропадна заради тесната социјална основа. Празните ветувања до народот не го поттикнуваа за ангажирање. Од островот Хаити (кој стана слободна република како француска колонија) порача слобода и за црните робови на континентот, дека ќе може на учествуваат во војската и да напредуваат како и сите други. Земјата ќе им биде поделена на сите учесници по победата. Воените рангови ќе се здобиваат според заслугите, а земјата ќе се дели според нив. Боливар бараше единство во командувањето (што ќе биде тешко да го реализира и во идните години). Во 1816-та дојде во Венецуела, објави дека "повеќе ќе нема робови" и дека сите ќе бидат рамноправни граѓани, повика на борба за слобода. Иако првата експедиција пропадна, по 100 дена втората започна со победи. Боливар дојде до реката Ориноко. Оттаму имаше можност за движење во разни насоки. Му се приклучија и други команданти (како услов поставуваа распределба на земјата). Во Ангостура (сега Сиудад Боливар) свикаа конгрес за донесување нов Устав. Боливар инсистираше на автентичните потреби на Јужноамериканците, не на копирање на уставите на револуционерна Франција и на САД. Во 1820-та Боливар е избран за главен командант, укинато е ропството и Венецуела е обединета со Нова Гранада. Боливар ја победи шпанската војска. Се воспостави примирје. На конгресот за обединување се покажа дека покраините се изолирани и немаат контакти. Сепак е основана **обединета Колумбија**, со главен град Богота, и усвоен е устав според идеите на Боливар, кој стана **прв претседател**. Бидејќи Венецуела сега беше провинција во големата заедница, непријателите го обвинуваа Боливара дека е премногу Американец (мисли за сите), а премалку локалпатриот. Потоа се водеше уште една голема битка со Шпанците (1821), кои по поразот си заминаа (од жестоките освојувачи Кортес и Пизаро, којi ги уништија и опљачкаа сите индијански држави на Јужна Америка, ова било прво вистинско повлекување на Шпанците).

Боливар беше **исклучителна личност**. Еден канадски генерал вака го опиша: "Помеѓу неговите сонародници нема никој како Боливар. Малкумина имаат такво чувство на честа и на достоинството. Неговите благородност и некористољубивост се безгранични, неговата добрина доаѓа во израз во секоја прилика... Најголемо задоволство му било, додека траеше неговото големо богатство, да им помага на страдалниците... Ретко кој може толку да поднесува умор и лишување. Малкумина

имаат таква цврстина пред опасностите или во неволјите". Боливар веруваше дека слободата е во опасност ако континентот не се *обедини*. Се трудеше кон Колумбија да го припои Еквадор, но Перу со својата силна шпанска војска беше опасност и за новата држава и за Аргентина и за Чиле на југот. Мнозина не ги разбираа модерните сфаќања на Боливар дека **слободата е неделива** за сите и дека треба да се водат напори за обединување и суредување на целиот континент (сличната идеја за суредена Европа обезбеди мир по Наполеон сѐ до Првата светска војна, главно на Запад, додека балканските краишта уште без прекин страдаа под Османлиите). Ангажирањето на Боливар на југот од континентот ќе ја измени судбината на Републиката, која од 1826 година станува "ѓаволска градба во пламен од сите страни". Освоен е Еквадор, а во 1822 година Боливар се сретна со **Хосе де Сан Мартин** (1778-1850), аргентински генерал, херој на борбата за независност, кој учествуваше во ослободувањето на Аргентина (1913-1816) и помогна во ослободувањето на Чиле (1818) и на Перу (1821). Боливар донесе решение да влезе во Перу, но речиси никој не ја разбираше и поддржуваше континенталната армија и кампања. По караница со Боливар, Сан Мартин замина за Европа и остана таму. Конгресот во Богота (1824) му ги одзеде на Боливар овластувањата и воената команда, што тој дисциплинирано го прифати. Младиот генерал Сукре, избраникот на Боливар, во тешките услови на високите Кордилјери, со помалку борци од Шпанците, ги победи во битка во долината на Ајакуќа, со што е **ослободена Јужна Америка**, а генералот со само 29 години е прогласен за Голем маршал. На југ, помеѓу Аргентина, Парагвај, Бразил, Чиле и Перу маршалот основа нова држава, која ја именува **БОЛИВИЈА** (во Америка има имиња според месноста и традиционалните зборови, како и во чест на разни личности и според светците чии имиња им се давани на краиштата или на манастирите - *Колумбија*, според откривачот Колумбо, *Америка* според првиот картограф Америго Веспучи, *Еквадор*, според средишниот Земјин упоредник, *Вирџинија*, според прекарот "Девица" на немажената англиска кралица Елизабета, *Вашингтон*, според првиот претседател на САД, а пооправдано затоа што тој го подарил земјиштето на кој е изграден главниот град на САД, а дотогаш тоа беа Њујорк и Филаделфија, *Њу Орлеанс*, според француското кралско семејство Орлеанците, *Сао Паоло*, *Сан Франциско*..., *Нова Англија*, *Њујорк*, кој првин го викале Нов Амстердам...).

Тогаш **Боливар е најпозната личност на Јужна Америка**. Целиот континент зборува за него и неговите планови, народот насекаде се собира да го види и поздрави. Индијанците во Перу гледаат во него инкарнација на своите божества; по страшните страдања од Шпанците, кои ги урнаа сите држави и ги ограбија сите блага, сега повторно имаше *светлина*. Од јужниот дел на континентот му доаѓа аргентинска делегација, му предлага да ја мине реката Ла Плата, да ги ослободи Парагвај и Уругвај и да ја консолидира нивната земја. Го повикуваат да стане протектор над цела Јужна Америка. Никој никогаш во Латинска Америка немал толку углед колку Боливар. Но тој не може натаму, границите на земјите се определени, него ни во неговата земја не го разбираат и нема поддршка. Од Лима подготвува конгрес во Панама за сите независни земји од Мексико до Аргентина, објаснува дека обединета и силна Латинска Америка може да биде рамнотежа на САД и да ја почитуваат колонијалните сили обединети во европската Света алијанса (против Наполеон). На конгресот (1826) му се противставија не само странските сили, туку и локалистичките стремежи и зависта, а и идеолошките противници, кои истакнувале дека во малите земји ќе има повеќе слобода и демократија отколку во големата држава, за која се заложувал Боливар. Тогаш Боливар истовремено е председател на Колумбија и диктатор на Перу. Но проблемите се умножуваа. Венецуела не можеше да ги санира последиците од земјотресот и ја обвинуваше централната влада за неефикасност. Боливар дојде да помогне, но сепаратистичките сили беа моќни

насекаде. Богатите и големците не се интересираа за маките на народот. Боливар гледа дека се уништени неговите идеали, земјата не им се дели на сиромашните, робовите не се ослободуваат. "Она што ќе го сторам со рацете, другите ќе го растурат со нозете", вели. Иако прифаќа да стане за кусо време диктатор (како што правеле во античкиот Рим, кога барала тешката ситуација), револуцијата не може да се спаси. Боливар пишува: "Целосен хаос, ништо не може да се направи, зашто добрите загинаа, а злобните се намножија". Вети и свика конгрес (1830) и таму поднесе оставка. Некои и по тоа го молеа да се зафати за власта и да ги врати работите на вистински пат, во Богота јавно истакнаа проглас со повик да се врати, но тој одби, кажа дека не може да се спушти до нивото на узурпатор.

Непријатели му беа богатите, поттикнаа и неколку атентати врз Боливар. Во својата 47-ма година изгледал како старец. За себе велел дека е "политички мртов, и тоа засекогаш". Венецуеланците работеа на отцепување од унијата. Истакнуваа плакати "Долу дон Симон!" - оној кој не зборуваше така срамно, го сметаа за непријател. На конгресот (април 1830) силно го напаѓаа Боливара, никој не го бранеше. Негирана е секоја негова заслуга. Барале Колумбија засекогаш да го избрка од својата територија, му забранија враќање во родната Венецуела. Немал пари ни за пат до Европа, каде сакал да умре. Сиот голем имот го имаше дадено за револуцијата, одби да ги прими милион пезоси од конгресот на Перу како награда, ја отфрли високата плата како претседател на Колумбија. Рече: "Повеќе сакам да питам во туѓина одошто да бидам сведок на страшните нешта што нé очекуваат". Пред смртта му рекол на еден свој генерал: "Еве што е резултатот по 20 тешки и неизвесни години: 1) ние не можеме да управуваме со Америка, 2) оној кој служи на револуцијата го *оре морете*, 3) единствено може... да се емигрира". Но, се предомисли, "за да не ја навреди татковината". Умре во Колумбија во декември 1830 година. Веста сигнала во родниот Каракас по 2 месеци, а власта организирала "народна веселба" на улиците.

Боливар точно предвидел: "Ќе дојдат илјада револуции, кои ќе предизвикаат илјадници узурпации". Во Венецуела од неговата смрт до 1935-та постојано имало бунтови и преврати. Донесени се 23 устави. Системот беше полош од урнатиот колонијален. Со прописи било отежнато ослободување на робовите и доделување на земја. Територијата на Венецула постојано е намалувана.

Боливар имаше етички цели, иницираше **разбудување на самосвеста кај народот**. Колонијалниот систем се базираше на неправди и пљачкосување, господар и сопственик на целата Латинска Америка беше шпанскиот крал. Отпорот против системот беше нужен за сите, колку и слободата. Немаше ни слобода на мислењето и на зборот, на што се противставуваа и државната и верската цензура. Се контролираше и верата, немаше толеранција, таму виреејa последните појави на инквизицијата . До 1797 година во Латинска Америка не смееја да дојдат бродови кои не се шпански. Во тој тоталитарен систем, гневот беше голем, а слободарската инспирација неопходна.

Боливар се однесуваше одговорно и непристрасно. Не дозволуваше опаѓање на рецолуционерната тензија, а постојано бараше слободи за народот и за робовите (тоа го ускратуваа неговите соработници, иако тоа беше програмата на Боливар). Праведноста тој ја покажуваше и во однос на блиските - го пофали еден министар што одговорно според должноста не ѝ попуштил на сестрата на Боливар. **Со етиката се инспирирани сите негови цели и постапки**. Велел дека **без чесноста не е можна република**. Му било криво што со неговото име "во Венецуела се покрива и доброто и лошото, а мнозина со него ги сокриваат своите глупости". Мошне е интересен неговиот став дека "понекогаш луѓето, а не принципите, ја прават власта". Истакнувал дека *справедливоста* е најважна добродетел, ја нарекувал "прв закон на природата и најважна гаранција за

граѓаните". Се трудел за соработници и за високи места да ги избере оние кои веруваат во законите и кои лично се чесни.

Наспроти манипулациите и корупцијата кои ги има во многу земји, а посебно во земјите во Латинска Америка, важно е да се цитира ставот на Боливар дека е пријатна и света **должност на републиканците да им даваат сметка за својата работа на претставниците на народот**. Уште пред револуцијата да се размавне, во Каракас укажа дека "народното богатство не им припаѓа на оние кои се на власта. Оние кои ракуваат со нашето богатство треба да дадат сметка како го употребиле". На негово барање во уставот на Боливија е обележано дека граѓанска должност е "да се внимава на чувањето на општите слободи", дека не е доста само слушање на законот, туку е нужно секој граѓанин да се чувствува обврзен да биде чувар на неговото извршување.

Своето големо богатство Боливар во текот на револуцијата го потроши за општите цели, не земаше плата ни награди, и остана без пара. Запишано е дека (1928) кажал: "Би сакал да имам богатство да го разделам на сите Колумбијци, но немам ништо. Имам само срце да ги сакам и меч да ги бранам". Но **тоа беше неговата етика,** тој самиот си ги определуваше своите правила. Целта на животот му беше слободата:"Мојата најголема слабост е мојата љубов за слобода, заради таа љубов би бил во состојба да заборавам и на славата (неговата втора интенција). Сé би можел да поднесам, би ги жртвувал сите мои надежи отколку да ме сметаат за тиранин... Мојата несмирлива страст, мојата најголема желба е да ме наречат **љубовник на слободата**". Затоа прекарот *Ослободител* е најубав за Боливар. Истакнуваше дека "татковината е над сé". Недела дена пред на почине рекол: "Моите последни желби се насочени кон среќата на татковината".

Историјата и поновите настани во латиноамериканските земји не се многу подобри отколку што беа под диктатурата на големите царства на Инките, Ацтеките и Маите, или под безобѕирното колонијално владеење на Шпанија, Португалија и на другите освојувачи. Симон Боливар го заслужи името на американски **слободарски водач** и поттикнувач на луѓето на борба за независност. Неговиот пат го следат мнозина револуционери и групи. Особено од 1919 година се бележи развиток на бројни *популистички движења*, се разви дури и *теологија на ослободувањето*, ангажман на свештениците на Католичката црква против страдањата на народот. Нивните книги, идеи, грижа за сиромашните се вредна грађа на новата етика (најпознати се Камило Торес, Густаво Гутиерес, Хосе Порфирио Миранда, Хуан Луис Сегундо, Леонардо Боф, Хон Собрио, Оскар Ромеро, архиепископ на Сан Салвадора, убиен во 1980-та, бразилскиот архиепископ Хелдер Камара и др. - новиот Папа Франциско е прв католички водач од Латинска Америка, каде има најповеќе католички верници). Денес веќе се видливи резултати на напорите Јужна Америка да се развие.

Големиот чилеански писател **Пабло Неруда** (1904-1973), добитник на Нобеловата награда, со своите дела инспирираше за борба против угнетувачите, а народните херои за слобода и правдина во Мексико и Калифорнија *Хоакин Мурието* и *Зоро* се познати во целиот свет. Во Мексико имаше долга селска и народна револуција, каде што светот ги запомна имињата на двајцата убиени водачи-селани **Панчо Вила** (1878-1923) и **Емилијано Запата** (1879-1919), од кои вториот изјави: "Подобро да умрам стоејќи, отколку да живуркам клечејќи!" Кубанскиот поет и револуционер **Хосе Марти** (1853-1895), кој загина во една побуна, а денес е херој и философ на кубанското постоење, пишува: "**На светот мора да има достоинство и убавина, како што мора да има светлина**. Кога постојат мнозина без достоинство, мора да има и такви кои во себе го носат достоинството за повеќе луѓе. Тоа се оние кои со својата сила се креваат против угнетувачите, против оние кои им ја одземаат слободата на народите и достоинството на луѓето... Овие луѓе се светители".

Него го викаат *Апостол*. Го славеа револуционерите, кои се кренаа против диктаторот *Фулгенцио Батиста* (1901-1973), генерал, претседател на Република Куба (1940-1944), но кој по *државниот удар* (1952) владееше не само диво деспотски, туку и давајќи подршка на мафијата од САД, уништувајќи ги народните ресурси. **Фидел Кастро** со своите борци го собори (1959) и воспостави своја власт. Негов содружник и министер **Ернесто Че Гевара** (1928-1967), аргентински лекар, ја напушти Куба (1965) со амбиција да започне општа латнскоамеричка револуција. Загина во планините со револуционерите од Боливија. Оттогаш ликот и името на **Че** се најсилна идентификација со латинскоамериканските слободарски стремежи, како и со критичките младешки и либертерски идеи во светот.

**Етички мисли на Симон Боливар**

"Секогаш е добро човек да се познава себеси, за да знае што може од себеси да очекува."

"Слободата е единственото што е достојно за жртвување на човечкиот живот."

"Среќата се состои во чесното живеење."

"Најдобра политика е справедливоста."

"Славата не се состои во заповедувањето, туку во извршувањето на големи дела."

"Способноста, вештината и истрајноста можат да го поправат злото."

# 58. Огист Конт
# АЛТРУИЗМОТ Е ВИСТИНСКИ МОРАЛ



Науката е многу важна човечка дејност и, како секоја суштествена област за човекот, има етичко значење. Не само што има етика во науката, туку и **самата наука е своевидна етика** - таа значи насоченост кон вистинско сознание, бара објективност на ставовите и убедувањата, му помага на човекот да ја сознае суштината на светот и на самиот себеси, му ги открива димензиите и вредностите на човечките дела и на сите видови човечки релации, а со тоа што го тера научникот на сознаен ангажман, прави од него личност со особена моралност... Не е чудно што кај научниците има важни морални творци и учители на човештвото - Аристотел и Декарт, Чарлс Дарвин и Емил Диркем, Алберт Ајнштајн и Роберт Опенхајмер... А научниците кои се занимаваат со општествените појави обврзно доаѓаат и до прашањата на моралот и често предлагаат оригинални етички решенија. Еден од научниците кој **сакаше сите појави на човештвото да ги испитува со строг научен метод, изгради и нова етичка теорија**. Тоа е Огист Конт.

**Изидор-Огист Конт** е роден во 1798 година во стариот француски универзитетски центар Монпеље. Бил талентиран ученик по математика; во новооснованата Политехничка школа е примен како еден од првите на конкурсот. Тогаш се случи поразот на Наполеон кај Ватерло. Студентите на Политехника (името значи "целина од неколку природни науки") беа приврзаници на Царот, кој го основа овој особен универзитет за школување на технички и природонаучни истражувачки кадри за државата, како и воени инженери. Новата власт ја распушти школата. Конт сам се обучуваше во сите научни дисциплини. Се запозна со Сен-Симон, му стана секретар и му помагаше при пишувањето на неколку дела. Дојдоа во судир заради подредената позиција на младиот научник наспроти прочуениот автор, како и заради различните ставови околу тоа што е поважно за општествениот развиток: за Сен-Симон тоа е индустријата (работење, дејствување), за Конт политиката (раководење, организирање) - но двајцата сметаа дека ставот им произлегува од науката.

Конт решително пристапи кон изградба на своите погледи. Во 1826 година го одржа првото предавање за **позитивната философија**, со што ги воведе името и методот на еден посебен начин на мислење, што пред сѐ ја истакнува објективноста на науката и оттогаш ќе стане славен - **позитивизам**. Конт се разболе и дури по неколку години го продолжи "Курсот на позитивната философија" (објавен во 6 томови). Со неколку другари Конт основа "Политехничко здружение за популаризација на науката кај работниците" (тука предавал астрономија 18 години). Тогаш го поканиле да биде асистент на повторно отворената Политехника. Бунтовниот дух не им се допаѓал на конзервативните власти и тие повеќе не го ангажирале. Целиот живот Конт бил сиромав, а имал и

здравствени и семејни проблеми. Бил фанатично предан на науката и ги напаѓал опонентите на духот на модерната наука, а посебно Академијата на науките. Живеел благодарејќи на помошта од англискиот мислител Џон Стјуарт Мил, кого го восхитувала неговата научна страст и бил согласен со неговите ангажмани.

Со натамошните дела "Систем на позитивната политика" и други Огист Конт тежнеел да воспостави **социјална организација која ќе ги следи научните сознанија со цел да се победат незнаењето и заблудите**. Сега Конт почнал да зборува и за човечките чувства, што го водело кон особена религиозност. Бил занесен со својата мисија и сакал да создаде партија која со помош на социологијата и универзалната религија ќе овозможи да престанат судирите помеѓу луѓето. Основал "Друштво на позитивистите", а потоа се прогласил за водач на позитивистичката црква како религија на сето човештво. Така се реализирала неговата визија-самооценка дека тој ќе има две животни фази - научна и религиозна (тој ја нарекувал "политичка", зашто врз основа на научната политика засновувал нова религија). Го критикувале дека заради религијата го запоставил научниот пристап, Конт одговарал дека за него двете нешта не се спротивни, дека хуманизмот и верата ги гради врз чиста наука, која е подготовка за достигање на "виша цел". Умрел во 1857 година.

Векот на Просветителството и Француската револуција донесоа големи промени и тласнаа многу нови идеи. Од продолжителните судири се заклучуваше дека промените не се завршени. Имаше амбиција општеството да биде добро суредено. Конзервативците бараа враќање кон традицијата, новите мислители инсистираа на реформите и прогресот. За Конт ова е возможно само со науката. За реорганизацијата на општеството е нужна една **наука за општеството**, која тој ја нарече "**социологија**". Оваа е во симбиоза со останатите науки и нивните методи. Има шест основни науки, меѓусебно зависни и последователни: математика, астрономија, физика, хемија, биологија и социјална физика-социологија. Сите науки ја подготвуваат и овозможуваат социологијата, која претставува врв на научниот систем.

За Конт општествените прашања не може да се решаваат самите по себе, како нешто одделно. Идеите ги движат луѓето и епохите, затоа е неопходно да се реформира мислењето, да се создаде нов начин на размислување. Новата мисла во модерната епоха не може да биде ниту теолошка ниту метафизичка. Нејзина основа треба да бидат природните науки и новите егзактни научни методи. Таа мора да биде "позитивна", да го изразува објективниот научен дух. Тоа значи нештата да бидат согледани онакви **какви што се**, што е една **нова етика на науката**, вознесување на научниот дух до човечки принцип. Се отфрла спекулацијата, се останува само на фактите.

Целта е голема. Неа Конт елоквентно ја смести во лозунгот "Savoir pour prévoir - prévoir pour pouvoir" - со кој се кажува дека знаењето е потребно за да се согледува напред, за да се предвидува, а научната визија е нужна за да се има моќ, за да може да се стори нешто. Ова е една од централните животни и етички идеи на современото човештво: духовните и дејствените капацитети се поврзуваат во едно **ново општество на знаењето**.

Во новата епоха се откри дека историјата е добар метод за објаснување на минатите и на сегашните состојби и ставови. И Конт својот позитивизам го изложи сопоставувајќи го на претходните етапи - теолошката и метафизичката. Конт објаснува дека развитокот има 3 степени: од верувањето во сили вон од човекот - преку принципите-идеи со кои "философски" се објаснува светот - до испитување на појавите со развиени научни методи и расудување за нив без

никакви предрасуди. Ова не се оправдува само социјално-историски, тоа Конт го објаснува и со развојот на индивидуалноста: “Општата револуција на човечкиот дух може денес да се констатира јасно, но и индиректно, набљудувајќи го развитокот на индивидуалната интелигенција. Неминовна е истата појдовна точка во формирањето на единката и на видот; затоа различните фази на првото се истовремено основни епохи на второто. Секој од нас, што се однесува до најзначајните поими, во детството бил верник, во младоста метафизичар, во зрелите години научник (физичар)“. Сознанието кај човекот минува низ три фази: фиктивно, апстрактно и научно. Според Конт, дојдено е времето да се мисли само научно, тоа е животна, социјална, мисловна и етичка задача. Во научната фаза луѓето не се стремат нештата да ги разберат и објаснуваат со натприродни сили или со апстракции на нештата, туку се концентрираат врз предметите-појавите и ги истражуваат нивните законитости. Врз точните, неискривени, немистифицирани сознанија на односите меѓу предметите и појавите ќе се гради добар реален свет.

**Позитивизмот е големата етика** на Конт. Тој ги објасни новата амбиција и дух на човештвото да сознава непристрасно и да ги користи реалните сознанија. Врз таквиот пристап е кренета речиси целата нова градба на светот. Во сите домени оттогаш е валиден и баран стремежот кон знаење, кое може да се провери и верифицира, за да се умножи моќта на човекот. Иако и идеалистичките и мистичките струења се силни во современото (па пред крајот на животот и самиот Конт кокетираше со нив), сепак е доминантен позитивистичкиот пристап - во учењето и во истражувањето, во техниката и во организирањето на работењето.

Од оваа перспектива е изградено и **посебното етичко учење** на Огист Конт. Тој не смета дека прогресот се случува автоматски. Истакнува дека економските и политичките појави не влијаат врз напредокот на општеството без моралната преобразба на личноста. Така позитивизмот не се претставува како бездушен сциентизам. Во верзијата на Конт тој е облагороден со хуманата димензија, со истакнувањето на чувствата. Кон крајот на животот Конт ќе прогласи *предност на срцето над духот*. За реформа на општеството не е доволна менување на идеите, туку и трансформација на чувствата. Конт предлага *универзална религија*, која треба да биде морален авторитет кој ќе ги обедини луѓето и ќе ги води кон вистинско совршенство. Ова не е религија со божество, туку **религија на човештвото**, кое треба да стане највише суштество што човекот може да го сознае, во коешто се соединуваат реалното и идеалното и може да се задоволи копнежот по бесконечното, што е својствено за човечката природа.

Човештвото е позитивен поим. Него го проучува социологијата. Ова Велико суштество се разликува од божествата на другите религии. Тоа може фактички да се докаже, тоа е релативно, а не апсолутно, сложено е, а не едноставно. Тоа е збир на сите луѓе и на сите народи кои постоеле, постојат и ќе постојат. Во него се проникнати минатото, сегашнината и иднината. Тоа е реално, живо и активно. Подложено е на основниот закон - **прогресот**. Сé што постигнале луѓето е дело на човештвото, кое се развива. На патот на изградбата човештвото станува сé посилно, делува врз надворешните услови, ги совладува и приспособува за своите цели. Новата религија го ослободува човекот од стравовите на пеколот и му ветува дека ќе исчезнат војните, насилството и злосторствата, колективните и личните страдања.

Бидејќи вредноста на една личност може да се оцени дури по нејзината смрт, Конт парадоксално сметал дека човештвото повеќе се состои од мртви

одошто од живи луѓе. Достојни членови на човештвото се само оние кои предано му служеле на човечкиот род. Од него се исклучени оние кои го уривале неговото единство и хармонија. Следствено, чинат само оние личности кои се способни со разумот да ги победуват своите страсти и да го задушуваат својот егоизам. Овие луѓе се верни слуги на човештвото, а не негов товар, па ним им припаѓа *вистинска бесмртност*. Не станува збор за реалната бесмртност (како во религиите), туку за спојувањето на човекот со човештвото, што се реализира како спомен на живите за достојните мртви.

Основната вредност во ваквите човечки односи е *љубовта*. Таа е првата точка на Контовата прегнатно изразена идеја на животниот позитивизам: "**Љубов како принцип; Ред како основа; Прогрес како цел!**" Овие основни вредности укажуваат на значењето на моралното за човекот. Моралните склоности можат да се констатираат и кај животните, но секој човек допрва треба да стане морален во човечка смисла. Моралот е дело на историјата-општиот развитокот и на самиот човек. Главната точка на моралот е **љубовта за другиот**, која значи **живеење за другиот**. Според поимот егоизам (од *лат*. ego - јас, т.е. саможивост, љубов за себе, стремеж кон сопствената корист) Конт создаде поим **АЛТРУИЗАМ** (од *лат*. alter - друг). Големиот етички поим **алтруизам ја изразува моралната настроеност кон другите**, нашето почитување кон нив, заинтересираност за нив, правење добро ним. Тоа е извор за справедливоста и за човечката среќа. Без оглед што другиот не го лоцира во конкретната блиска личност, туку поапстрактно во секое суштество како израз на човештвото, Конт извонредно го определил поимот на оваа значајна етичка тенденција. Луѓето постојано зборуваат какви треба да бидат меѓусебните односи и социјалната поврзаност; за тоа треба да се имаат предвид и укажувањата на Огист Конт за заемното проникнување на сите делови на општеството, кое се гради и одржува врз основа на хармонијата која владее помеѓу неговите членови. Тој ќе даде и формула за тоа: "Жртвување на силните за слабите; почитување на слабите спрема посилните".

Многу придобивки има човештвото од овој предан мислител, голем љубител и истражувач на науките, создавач на еден особен систем на мислење, во кој науката е воздигната да ја замени спекулативната философија. Тој измисли една нова наука - *социологија* и конципираше нова универзална религија на човештвото. Овие аспекти се дел од личната и научна етичка визија на Огист Конт, која се отвори за новите теми на човештвото, кои допрва ќе станат главни етички тенденции. Помеѓу нив, **алтруизмот е етички бисер** кој не темнее.

**Етички мисли од Огист Конт**

"Треба да знаеме - за да гледаме напред; треба да имаме визија - за да може да сториме."

"Живеј за големата цел!"

"Не прави ништо што не е чесно (од што може да се усрамиш)!"

"Не може секогаш да се мисли, но секогаш може да се сака."

# 59. Ралф Волдо Емерсон
# ВО РИТАМ СО СРЦЕТО НА ВСЕЛЕНАТА




Многу од етичарите не се само философи на моралот, туку и предлагаат особени погледи за светот и го истражуваат светот на нов начин. Се разбира, од наша перспектива, ние се интересираме за нивното трагање по доброто, но ги вклучуваме во образложувањето исто така и нивните откритија на севкупните човечки димензии на постоењето. Таков влијателен мислител беше американскиот писател Ралф Волдо Емерсон.

**Ралф Волдо Емерсон** е роден во Бостон (Масачусетс) во 1803 година. Татко му бил свештеник, умрел кога момчето имало 8 години. Седумчленото семејство живело во крајно скудни услови, брат му и Волдо имале само едно плато, кое наизменично го носеле кога оделе на училиште во тој северен крај. Студиите во најстариот американски универзитет Харвард ги завршил со помош на стипендија, на 18 години станал пастор како и татко му. По деценија свештеникување заклучил дека тој вид протестантизам има премногу ритуали и се откажал од местото. Тогаш (1832) презел прво од своите познати патувања по Европа, каде се запознавал со културата и со значајните личности, што ќе се одрази врз неговата работа. Со шкотскиот философ *Томас Карлајл* започнало големо другарство. Дома почнал да држи јавни предавања (до крајот на животот одржал 1.500 предавања) и пишувал статии, од кои ќе составува книги. Водел дневник за сé што видел, што му се случувало и што размислувал. Важен дел од неговите материјали се објавени (но велат дека за целиот дневник се потребни 250 томови). Како голем оратор, со поетски израз (и автор на многу стихотворби), луѓето сакале да го слушаат. Изградил нов поглед за *природата*, за која велел дека е наша голема *основа*. Се сместил во гратчето Конкорд (Њу Хемпшаир), неговата куќа станала собиралише на мнозина од околината и од цела Америка (едно време со нив живеел и неговиот ученик философот Торо). Станал мошне познат, создал **нов американски стил на размислување**, кој ќе има влијание цел век, сé до новите реалистички мислители и писатели. Харвард му доделил почесен докторат (1866). Уште неколку пати патувал низ светот, пријатели му биле големи научници (по многу години куќата се запалила, но додека бил на последното патување во Египет, граѓаните се собрале и ја изградиле повторно - за да го израдуваат својот учен сосед и моралист).

Емерсон не верувал во нужноста да учиме од традицијата, која сведочи дека човечкиот живот најчесто бил слепа инерција. Не е добро ни американското пренагласување на комерцијализацијата, што води кон деформации. Најважно е да се **свртиме кон себе**, кон своето *искуство*, треба да имаме *самодоверба*. "Каде ќе се пронајдеме себеси? - На своето сопствено ниво или во природата, гледајќи со очите во неа", се прашал и јасно одговорил Емерсон. Живеењето треба да го усогласиме со идејата во својот дух, како и со природата околу нас. Тогаш нашиот живот ќе почне да ги развива своите потенцијали. Уште во првата проповед во црквата укажал дека "човекот е градител на својата среќа". Ќе истакне дека *совеста е претходник на секој*

*морал*. Значајно е неговото укажување дека проблеми создаваат нашето неверување во вредноста на она што го правиме, а потоа неверувањето дека е исправно она што е нужно, во коешто сепак конечно ќе поверуваме. Откако самиот Емерсон со читање, размислување, разговор со луѓето, пријателства... дојде до својата философија - тој им предложи на сите да си направат своја философија, *субјективен став за животот и моралот*, за што секој е способен, бидејќи Творецот на сите ни дал таква шанса, иако насоченостите на луѓето се разликуваат.

Со своите идеи Емерсон настојува човекот да го воздигне до *идеалното*. Тогаш човековото срце ќе бие "во ритам со срцето на вселената". Сообразниот живот на човекот ќе се крене до "совршен и бескраен живот". Тој се посвети на освестувањето и духовното и лично воздигнување на луѓето. Велел: "Што можам да сторам на овој свет? - Јас не дојдов тука со моја волја, но Творецот ми забранува да ја отфрлам *одговорноста* во која сум фрлен". Тоа е смислата на себепронаоѓањето и на дејноста на етичарот.

Истиот *романтизам* што се појавил во Европа како силна духовна струја, Емерсон ќе го нарече *трансцендентален идеализам* и ќе го развива како мисла, текстови и поезија, културен ангажман. Предавал насекаде, низ целата САД, соработувал во весниците и списанијата, организирал "Трансцендентален клуб", Друштво за ширење на корисни знаења и постојани неделни средби кај него дома. Својот трансцендентализам Емерсон го поврзува и со демократскиот дух, близок до верскиот пуританизам, како и до слободарскиот човечки идеал. Педагогот Бронсон Алкот ќе биде основач на Конкордската философска школа (1879), па идиличниот град ќе биде тогашен центар на интелектуалната дејност во САД.

Во првата книга со наслов "Природа" (1836) Емерсон зборува за првичната философија, која, според него, разбудува чувство за морална возвишеност, бидејќи секој нејзин принцип содржи вистина. Неговите учења пред сé се етика и вера, а не метафизика. Објаснува интересен триаголник меѓу човекот, Природата и Творецот. Душата е оној човечки дел кој учествува во божественото, а Природата исто така го изразува божественото. Овој триаголник не говори за некоја апсолутна идентичност на трите страни, туку за релациите помеѓу која годе од двете. Човекот може да научи да го почитува Творецот со посматрање на Природата. Ѕвездите, планините, цвеќето, животните ја изразуваат визијата на *првичната и вечна убавина*, со што се дофаќа и божествениот принцип. (Ова е значајна тема кај многу теолози и, посебно, кај романтичарите, најнапред кај **Франсоа Рене Шатобријан**, 1768-1848, големиот француски стилист, автор на книгата "Дух на христијанството", 1802).

Од шведскиот научник и мистичен философ **Емануел Сведенборг** (1688-1772) Емерсон ќе ја преземе и развива теоријата за **хармоничноста меѓу природниот и моралниот закон**. Иако се разделени, тие се суштествено согласни, зашто материјата е само појава, не суштина. Затоа законитоста за луѓето е слична на законитоста за објектите. Човекот го испитува подрачјето на духот со особено "*морално сетило*" и мнозинството од неговите судови за луѓето и за искуството зависат од присуството или отсуството на оваа *дарба*. Станува збор за талент на човекот да ги открива моралните закони со помош на *интуицијата*, директната согледба. Со помош на умот, фантазијата и на ваквите способности човекот може да се крене од природниот до моралниот закон.

**Природата е најубаво место за човеков помин**, таа ги "помага целите и целесобразноста на човекот". Таа им служи на луѓето заради симболиката, но човекот треба да се искачи една скала повисоко за да ги поврзе моралните

закони со природните. Со восхитувањето ние се впиваме во Природата (а тоа служи и за разбирање на Творецот), тоа нас нé опива. Според Емерсон, со разумот кој е проникнат со чувства ние ја проицираме својата мисла вон од нас врз она што сме го согледале. Оттука извира убавината, која овдека не е сетилна, туку има морален карактер.

Инспириран од етичарот и економист *Адам Смит* (1723-1790), Емерсон ќе ги поврзе економското дејствување и моралот. Тој живее во времето на голем подем на САД и ги истакнува силата, трудот, оптимизмот, филантропизмот - вели дека неговата земја "говори во името на целиот свет" (тогаш поимот *Новиот свет*, кој е создаден кога е откриена Америка - со освојувањето на американскиот Запад, се возобновува како идеал, надеж на мнозина дека ќе најдат место за опстојба и среќа). Емерсон барал што помала интервенција на државата во работите на луѓето, објаснувал дека моралното чувство ќе ги надмине и реши евентуалните судири. Тој верувал "во вечната отвореност на човечкото срце кон новите струења на светлината и на моќта".

Во книгите "Есеи" (првата во 1841, втората во 1844) Емерсон ги следи своите големи учители Монтењ, Френсис Бекон и Блез Паскал во формата која соодветствува на неговите инспиративни и поучни искажувања. Неговите зборови не сведочат само за духовно воздигнување во височина, туку и за ведра самодоверба. Говори главно за 3 области - опис на вселената и светот и на нивните законитости; ги анализира моралните способности и човечките односи; ги испитува прашањата на уметноста и на специфичното американско искуство. Низ сите текстови провејува ставот на протестантскиот *индивидуализам* (од неговото школување и од првата јавна активност), кој е битен за развивање на самодовербата на личноста, како морална концепција на Емерсон. Тука тој авторски се исповедува: "Вештината на пишувањето е највисоката од вештините што му се дадени на човекот, со која тој се напојува непосредно од својата душа, затоа што и граѓата што ја користи исто така потекнува од душата". Тоа е цврсто поврзано со *моралистичката* ориентација на Емерсон, која е видлива и во неговата поезија, како и кај познатите современи поети, кои се инспирираат од него, **Волт Витмен** (1819-1892, кого прв го поддржуваше токму Емерсон) и **Емили Дикинсон** (1830-1886), додека кај неговиот пријател **Едгар Алан По** (1809-1849) ориентацијата е повеќе естетска.

Една книга слична на нашата направи и Емерсон "Типични луѓе" (1850). Неговиот пријател **Томас Карлајл** (1795-1881) своето учење за *хероите* го насочи кон избор на вистински човечки обрасци и даде книга со такви примери (за религијата скандинавскиот бог Один, за пророштвото Мухамед, за поезијата Данте, за духовното градителство Лутер, за прозата Русо, за власта Наполеон). И Емерсон избра неколку репрезентативни личности и ги изложи нивните биографии и ставови - *Платон* како образец за философијата, *Сведенборг* за мистицизмот, *Монтењ* за скептицизмот, *Шекспир* за поезијата, *Наполеон* за владеењето, *Гете* за писателството. Тие текстови јавно ги говорел многу пати. Првата инспирација е од прочуеното дело на **Плутарх** (45-135) "Напоредни животописи" на славните луѓе. Емерсон се прашувал дали таквите блескави личности имаат цел на којашто ѝ се посветуваат, дали душата им е широка и несебична, дали раздвижуваат дух и кај другите луѓе. Покрај приведените личности, во говорите ги анализирал и Микеланџело, поетот Џон Милтон, верскиот водач Мартин Лутер, англискиот естетичар Едмунд Берк и др. Кај Карлајл сепак избраните примери имаат моќ над другите луѓе; тоа не го интересира Емерсона, тој бара демократски аспекти, како самодовербата,

етичките чувства, интуицијата. Впрочем, за Емерсон демократијата е највисока вредност.

И уште една книга на Емерсон (покрај сето негово дело) има посебно етичко значење "**Како да го водиме животот**" (1860). Тоа е прва книга со таков пристап и цел (книга со таков наслов направи и најзначајниот современ етичар Питер Сингер, последниот од авторите во нашата книга}. Во ова дело Емерсон дава низа совети за неговите сонародници за правилно живеење, ако неговите претходните дела биле насочени кон целото човештво. "За мене прашањето на времето станува практично прашање за животниот став", со таков пристап Емерсон како **филозоф на моралот** укажува дека различноста и судирот на идеите може да се разреши само со поширока перспектива - како што и тој црпеше идеи од современите и од класичните писатели, од религиските и од политичките ставови, од науките и, посебно, од источната мисла на Индија, на Арапите и др.

Влијанието на Емерсон било огромно, тој е познат во целиот свет, а и денес во етиката водат сметка за неговите кажувања. Неговиот млад пријател **Хенри Дејвид Торо** (1817-1862), роден во гратчето Конкорд, ги развиваше животните ставови и идеи на Емерсон, кај кого престојуваше и му помагаше. Емерсон се осамуваше за да дојде до сознанија и морална увереност, Торо **осаменоста** ја изгради како своевидна целосна етика. Тој одеше низ шумата, ги познаваше нејзините убавини и тајни. Повеќе од 2 години живееше далеку од луѓето, од што произлезе исклучителен опис на живеењето во шумата и покрај езеро, прочуеното светско дело "**Волден**" (1854), едно од двете кое му се објавени додека беше жив. Го оценуваа Торо како најубав примерок на жител на Нова Англија, цврст, независен, инвентивен, храбар. Од Торо имаме едно убаво подучување: "Деновите не можат да ми бидат *подолги*, но може да бидат *подобри*". Од природната насоченост на младиот пријател Емерсон оценил дека оние кои сочувствуваат со природата имаат квалитет и за размислување и за дејствување. Торо **со голема сила ја бранел етиката**, верувал во исправноста на човечкото однесување. Се побунил против војната со Мексико, сметајќи ја борбата за Тексас како освојувачка. Бил против владините даноци кои не се оправдани. Го бранел борецот за црнечки права Џон Браун. Неговиот есеј "**За должноста на граѓанинот да биде непослушен**" е едно од најпознатите **либертерски** состави, учебник за сите современи борци за слобода во своите земји. Кога Торо умре млад, над гробот зборуваше Емерсон.

**Етички мисли на Ралф Волдо Емерсон**

"Духовната страна на човекот е исто толку супстанцијална колку и материјалната; таа е во состојба да влијае врз душата, како што тоа материјата го прави врз материјата."

"Природата не сака да се нервираме и да се лутиме."

"Единствена награда за добродетелта е самата добродетел; единствен начин да имаш пријател е да бидеш пријател."

"Вистинскиот карактер и надежите на епохата мораат да се istражат во домот во којшто се живее, зашто човекот живее и се одмора во домот."

## 60. Лудвиг Фојербах

# ВАЖНИ СЕ ЧОВЕКОТ И ЉУБОВТА



Човештвото добива многу од некои мислители, но понекогаш долго не може да ги препознае нивните важни придонеси. Сознанијата немаат само актуелно значење и вредност, туку, со амбицијата да се дојде до повисоко и поцелосно знаење, тие природно се свртени и кон иднината, каде што луѓето полесно ќе комуницираат со идеите, ако тие не биле разбрани или не биле многу потребни во епохата кога настанале. Мислите на еден голем германски филозоф ги возбудуваа современиците, но неговите духовни дострели не беа здушно прифатени, а **дури и оние кои позитивно ги оценуваа неговите напори пишуваа критики против него**. Тоа му се случи на еден од најголемите етичари на сите времиња - Лудвиг Фојербах.

**Лудвиг Фојербах** (Фајербах) е роден во 1804 година. Бил од одлично граѓанско семејство, брат му Анселм е најпознат германски сликар-портретист на XIX век. Студирал теологија, но се свртел кон философијата: "Теологијата ја заменив со философијата; нема среќа вон од философијата". Станал наставник во Ерланген на 24 години, но набргу го избркале од Универзитетот, заради првата книга "Мисли за смртта и бесмртноста" (1830), која ги возбуди духовите со критиката на религиските ставови. Уште работел кусо време во Хајделберг, но потоа сите бројни академски катедри биле затворени за најталентираниот германски мислител по Хегел. Жена му (со која бил во голема љубов) наследила мал имот и се повлекле на село, а Фојербах станал земјоделец. Напишал уште неколку книги (некои објавени и посмртно), но тоа е малку според неговите капацитети и авторската продукција од младоста. Умрел во бедотија во 1872 година.

Во својот духовен развиток Фојербах минал сложен пат, од религија, преку хегелијанско влијание, до оригинална мисловна концепција, во која се важни реализмот-материјализмот, истражувањето на човекот и хуманата етика. Тој се противставил на идеите на најголемиот германски жив мислител Хегел, укажувајќи дека спекулативните идеи имаат свој **извор во човекот**, па затоа основен предмет на сите истражувања треба да биде човекот. Со овој став и со своите истражувања Фојербах стана основач на најмодерната философска дисциплина - **антропологијата**. Бидејќи до пред два века човекот не бил главна научна тема на философијата, новината на Фојербах е од исклучително значење за развитокот на современата наука.

Вториот суштествен научен импулс на Фојербах било свртувањето кон животната реалност како предмет на размислувањето. Тоа е *ера на позитивизмот*, на пофалба и воздигнување на научниот дух во сите сфери, а Фојербах прв во Германија (покрај Огист Конт во Франција и Џон Стјуарт Мил во Британија) ја афирмирал оваа остра сциентистичка ориентација. Од појдовните позиции ќе резултира најголемиот научен придонес на Фојербах - објаснувањето на религијата како дело на човекот, што е наречено **психолошка критика на религијата**, бидејќи изворот на верата и верските погледи се објаснува со психичката потреба на луѓето да изнајдат вишна сила на која ќе ѝ ги

припишат своите желби, моќи и творечки способности. Делата на Фојербах “Суштина на христијанството“, “Суштина на религијата“ и “Предавања за суштината на религијата“ се капитални и до денес популарни трудови од ваквата научна ориентација (т.н. социолошка критика на религијата даде *Карл Маркс* во своите рани трудови - тука станува збор за тоа дека “долината на солзите“ - поим од Библијата - бара од човекот да измисли божества кои ќе го храбрат и спасуваат од надредените и алчни луѓе).

Посебно се интересни делата на Фојербах за неговите **основни философски стојалишта**, кои се еден вид *програма* за философска ревизија: “Претходни тези за реформа на философијата“ и “Принципи на философијата на иднината“. Фојербах настапува наспроти тогаш доминантната идеалистичка мисла кај Хегел, за која вели дека е скришна теологија. Материјалистичките позиции на Фојербах се израз на стремежот сите нешта да бидат сознаени во нивната елементарна, фактичка опстојба. Фојербах го пресвртува философскиот пристап и метод: “Задачата на вистинската философија не е да го запознае бесконечното како конечно (што е идеалистичка тенденција), туку конечното да го согледа како не-конечно, како бесконечно“. Тоа е возможно ако во центарот на мислењето се стави реалниот човек. Тогаш философијата ќе ја открие објективноста: “На мислењето му претходи сетилното чувствување“. Затоа Фојербах базата ќе ја постави во “срцето“ - кое дотогаш не било често сметано за философски вреден ентитет, а важно е, зашто на човекот му укажува на реалноста на своето постоење. Значи, **прво е битието, потоа мислењето**. Поради тоа “философијата мора да се поврзе со природната наука, а оваа со философијата“. Фојербах ги зароди **новиот материјализам**, современиот философски реализам, антропологијата и низа други теории и науки, кои кај него најдоа инспиративни импулси за својот развиток. Познатиот историчар на етиката **Фридрих Јодл** (1849-1914), кој напиша книга за Фојербах и ги објави неговите дела, вели дека за потребите на денешницата неговиот начин на мислење дал “подготвителен, решавачки и осветлувачки збор“.

Во етиката Фојербах е исто толку оригинален и радикално нов - покрај тоа што е важна и етичката димензија на новата философија и материјализам како доследна потрага по вистината во реалноста и околу самиот човек. Фојербах го кажа со восклик, што потоа ќе го повторуваат разни мислители, дека **дадениот свет треба да ни биде доволен** за да нé инспирира за размислување и за живеење (не ни е потребна виша реалност, со своите нереални, илузорни, мистични визии и ветувања). Методот определи и во етиката пристапот да биде свртен кон реалноста и фактичкото. Во борбата против спекулативните апстракции, Фојербах ќе утврди дека основното кај луѓето се нагоните, особено **нагонот за среќа**, без кого нема ниту волја (која е основна за практичното дејствување). Поривот за среќа е основен нагон: “Јас *посакувам* означува дека - не сакам да страдам, не сакам да ми прават штета и да ме уништат, сакам да се одржам и да напредувам, т.е. сакам да станам среќен“. Но, од самиот стремеж кон среќа не настанува моралот; за моралот вистински може да се зборува таму каде што има однос помеѓу човек и човек.

Всушност, кај Фојербах *егоизмот се трансформира во широкостран морал*, кој води сметка за добродетелта и за добрите дела, а се јавува во релацијата помеѓу две личности, помеѓу **Јас и Ти**. Првиот принцип и критериум на дејствувањето и на вистината е **заедницата со другата личност**: “Единичниот човек ја нема за себе суштината на човекот, ниту како морално, ниту како мисловно суштество. Суштината на човекот е дадена само во заедницата, во единството на човекот со човекот - но во она единство кое се потпира само врз

реалноста на различноста на Јас и Ти“ (ова е денес најнова антрополошка ориентација во сознанието и во одбраната на светскиот *диверзитет* - не само на човечкиот). Главни се чувствата помеѓу Јас и Ти. На прочуеното прашање на нововековната философија, како може да се знае дали постои светот надвор од нас, Фојербах ја повика на помош **љубовта**: “Суштественото е тајна на осетите, на љубовта. Само во љубовта... конечното е бесконечно... Постои само она што било предмет на страста... Кој ништо не љуби, на тој му е сеедно дали нешто постои или не... Љубовната болка покажува дека во реалноста не постои она што го имаме во замислата“. Нештата постојат затоа што постои личност вон од мене која ја сакам.

И среќата не е индивидуална цел, туку морален принцип. За моралот се потребни двајца, кои се различни личности, Јас и Ти: “Каде што вон од Јас нема Ти, некој друг човек, таму не постои морал“. Истото е и со љубовта: “Јас сум Јас само со помошта на Тебе и со Тебе... Дали јас знам дека сум човек и што воопшто е човекот ако наспроти мене нема жена?“ Нема можност за среќно и правилно живеење ако не водиме сметка за оној кој е вон од нас и кој не е нешто во фантазијата, туку реално суштество, факт за нашите сетила. Врската помеѓу спротивните суштества човекот и жената, **љубовната релација, е основен морален однос**. Јас си велам “сакам“ како израз на нагонот за среќа, но велам и “треба“ како порив за среќа на другиот, саканиот. Етиката постојано бара несебичност, позитививен однос кон другиот. Фојербах вели дека е реален природниот **нагон за среќа на блискиот**. Од егоизмот не можат да се изведат моралните начела, но овдека не само што егоизмот се комплетира со една доброразбрана форма на егоизмот (за која говори Хелвециус), туку тој се утврдува со изворната желба да му биде добро на најсаканото суштество - **егоизмот е извор на алтруизмот во човековото постоење како заедница и полова врска**.

За етиката е важен принципот на *среќата* (познатото етичко дело на Фојербах за *евдајмонизмот*, за суштината и начинот на барање на среќата е објавено постхумно). Дури и ако се оградувам од својата среќа и ја отфрлам, јас сепак ја признавам среќата на другиот, блискиот, и се борам за неа. Без среќата како основа за нашите стремежи и акти, се загубува смислата на должноста кон другите, а дури се потресуваат и темелите на етиката. За етиката е важно да се прави разлика помеѓу Доброто и Злото, а тоа не е возможно ако не правиме разлика помеѓу несреќата и среќата, задоволството и болката. И тука е нужно чувството кон другиот. За чистиот ум, без вакво чувство, доброто и злото се апстракции, тие не постојат реално. Само кога гледаме дека другото, саканото суштество е среќно или страда, знаеме што е добро или зло (дури и ако ние лично за нас имаме поинакво доживување на тие добрини и лоши тилаци).

А за сомилоста е важно **сочувството**. Апстрактната еднаквост, врз основа на претставата дека другиот и јас сме *слични* (дека и тој е човек исто како и јас), треба да се надополни со чувствувањето на неговите *страдања*. Тоа е можно само врз основа на поривот за среќа, кој постои во сите и кого што секој човек треба да го почитува. Симпатијата кон другиот се раѓа од антипатијата наспроти болката што овој ја чувствува, значи од нашата желба тој да биде среќен (тоа денес би го нарекле *емпатија*-вчувствување). Сомилоста е само израз на сопствениот нагон за среќа, кој нас нѐ прави сочувствителни за повредите на туѓиот нагон за среќа. Ова не се однесува само на уживањето, туку и на животните проблеми - бедотија, зло, животни незгоди, социјални негативни појави... Значи, **среќата е основа и претпоставка на моралот**, зашто нејзиното

чувствување дава можност за разликување помеѓу доброто и злото, правилното и неправилното, потребното и непотребното, корисното и некорисното.

За Фојербах (можеби и врз основа на личното емоционално искуство и во зависност од особената социјална ситуација која ја доживеа) човековата самосвест и целиот морал се базираат пред сé врз односите на мажот и жената - **основниот морален однос е љубовниот и семејниот**. Тука е најсилна заемноста на нагонот за среќа. При половата различност ние не можеме да си ја задоволиме среќата ако не е задоволен нашиот партнер. Така израснува и моралот кај личноста - најнапред во сличните односи во семејството, со родителите и браќата и сестрите, со кои се споделуваат животните добра, а потоа и во контактите со другите луѓе, каде што нашиот егоизам се судира со нивниот отпор и казнување, така што се навикнуваме на заедничко живеење и на морално однесување. Со тоа се јавува должноста, а се зголемуваат и капацитетите за обврските спрема самиот себе, за своето добро. Како што сознаваме што го сакаат другите и што е добро за нив, кои се елементите за нивната среќа и здравје, така и ние стануваме посвесни за своите добри потреби и се облагородуваме. Должноста, всушност, е барање произлезено од сознанието за своите природни нагони, за среќата своја и на другите, за смислата и потребите на човечката заедница. Етиката и воспитувањето ги крепат и совладуваат противречностите на овој човеков пат.

И **совеста** е глас во мене како **ехо од повредениот друг**. Мојата совест е моето Јас кое се става на местото на повреденото Ти (одглас од тукуштo модерните преводи на основната индиска морална синтагма **тат твам аси** = “тоа си ти“, самоидентификација со положбата и состојбите на другиот). Значи, мојата совест е застапник на среќата на другиот врз основа и заповедта на својот порив за среќа. Моралната волја не прави зло затоа што човекот не сака да доживее зло и да страда од него, тука бара среќа и добро и сака да ги споделува со другите.

Така добриот човек Лудвиг Фојербах ја изгради етиката врз основа на човековото доживување, самосвест и хуманост - одделувајќи ја од спекулативните, апстрактните морални системи, како и од натуралниот егоизам, кој доминираше кај нововековните природонаучници. Со категориите Јас, Другиот, Љубов и Сочувство тој понуди една валидна **етика на другиот и на љубовта**, која е мошне продуктивна денес.

**Етички мисли од Лудвиг Фојербах**

“Задоволи се со овој свет!“

“Homo homini Deus - На човекот човек да му биде бог!“

“Без среќата, моралноста е бесмислен збор.“

“Должноста бара откажување? Тоа е лудо! Должноста бара уживање!“

# 61. Џон Стјуарт Мил
# РЕАЛНО ДОБРО И СРЕЌА ЗА СИТЕ



Многу од етичарите се најзначајни личности на своите епохи или на сето човештво. Таков е и англискиот мислител Џон Стјуарт Мил, кој светот го задолжи со **неколку големи духовни придонеси** - неговите идеи се водечки денес во логиката, политиката, политичката економија, а посебно во етиката.

**Џон Мил** е роден во 1806 година. Татко му **Џејмс Мил** (1773-1836) бил значајна личност на своето време, еден од економските и духовните водачи на Велика Британија, која создаваше светско царство. Неговото дело "Основите на политичката економија", во кое ги следи начелата на Адам Смит за либерална економија, било едно од највлијателните тогашни дела. Тој раководел со најсилната интернационална фирма - Источноиндиската компанија, преку која се експлоатирани Индија и другите азиски краишта. Во етиката ги следел идеите на својот пријател **Џереми Бентам**: сметал дека задоволството е единственото добро, а болката зло. Бидејќи умереноста е доблодетел, за него умерените задоволства се подобри од претераните. Во политиката и во општествените односи сметал дека треба да владее *разумот*, бидејќи, според него, романтизмот и политиката "со срце" се глупост.

Џејмс Мил верувал дека *воспитувањето е семожно* и сакал да покаже како треба да се воспитува дете за да стане гениј. Својот син го подложил на остро учење уште од најмалечки нозе. Малиот Џон научил да чита во 2-та година, во 3-та година читал и зборувал латински и старогрчки, знаел многу јазици, а во 10-та година бил подготвен за Универзитет. Од 17-та година и самиот работел во Источноиндиската компанија, каде достигнал висока положба. Од почит кон својот кум, Џон си го допишал и презимето **Стјуарт**.

Џон Стјуарт Мил ги продолжил концепциите на татка си. Овој верувал во асоцијативната психологија - дека сознанијата настануваат со поврзување на впечатоците (што стана најпознат денешен став, дека со растењето на искуството се зголемува знаењето кај секого). Во делото "Систем на логиката" Џон **ја дополнил индуктивната теорија** на Френсис Бекон (1561-1626), изградувајќи усовршени методи на заклучувањето од посебното кон општото, кои денес се речиси базични во мислењето и во образованието. Напишал труд "Начелата на политичката економија", во кој укажал на нужноста **да се почитуваат личноста и потребите на работниците**, со што ги навестил денешните теории за единствота на идеите и на настапувањата во сложените економски процеси ("трета струја"). И во политиката Џон ги следел татковите стапки - и тој напишал дело за **толеранцијата**. Оригиналните придонеси се во обработката на проблемот на слободата, на прашањето на гласањето и на **феминизмот** (Џон е првиот во светот кој комплексно позитивно пишува за жените - и прв на светот во Парламентот држел говор за женските права). Но, за разлика од татко му, станал член на Британскиот парламент (1866-68), додека постариот имаше само

административни должности. За својот живот и за амбициите на родителот за воспитувањето тој напиша впечатлива “Автобиографија“. Почина во 1873 година како мошне почитувана личност.

Џон има неспоредливо поголемо духовно влијание од татко му. Тој е **еден од најуспешните философи на денешницата**, доколку угледот се мери според спроведувањето на идеите. Исто така, тој бил своевиден природен феномен; по неговата смрт, измерениот волумен покажа дека тоа имал најголем мозок забележан кај човечко суштество. Од придонесите на Стјуарт Мил (покрај оние во логиката и во политичката економија) се истакнуваат објаснувањето на *слободата* и на *етиката*.

Книгата на Стјуарт Мил “**За слободата**“ (која ја преведов на македонски јазик и објавив, “Епоха“, 1996) е најпознато дело за овој суштествен елемент на човечката егзистенција, а истовремено **најпродуктивна современа политичка книга**. За авторот слободата е неограничено господство на единката над самата себе, над своето тело и душа, барање на своето сопствено добро на сопствен начин - на што има право сé додека не се обидува на другите да им го одземе тоа или да ги попречи нивните настојувања за нешто такво. “Човештвото повеќе добива ако поднесува (трпи) секој човек да живее онака како што нему му се чини дека е добро, отколку секој еден да се тера да живее онака како што на другите им се чини дека е добро“.

Малечката по обем книга “**Утилитаризам**“ на Џон Стјуарт Мил (напишана во 1867 година) спаѓа меѓу **најзначајните етички дела**. Утилитаризмот е **доминантна етичка ориентација денес**, она што најчесто се среќава како етички избор и насока во *најразвиените* земји. Тие морални вредности ѝ даваат тон на сета живејачка на Земјата и водат кон општо изедначување на животните цели и критериуми и кон унифицирање на современиот етички идеал.

Утилитаризмот е **стремеж кон корисноста**. На латински јазик корисното се нарекува utilis, а корист, ползата utilitas. Сепак, не станува збор за просто користољубие, за нешто што би ги задоволувало нашите материјални страсти и нашата исклучиво лична заинтересираност за некоја придобивка (што би можело да биде етички проблематично). Кај Џон Стјуарт Мил станува збор за стремеж кон **повисока добивка**, за тежнение да се реализира нешто што има висока вредност и потрајно значење. Стремежот кон корисното е *синоним за среќата*, за она што сите го бараме. Утилитаристите велат дека секој човек се стреми кон среќа. Бидејќи не постои пат без цел, остварување без свест за дејствувањето - среќата не е некоја посакувана, но неостварлива цел. Веќе стремежот, идентификуваната цел, преземените чекори и постапките сведочат за бараната среќа и нé водат кон неа. Кога ќе си ја пронајдеме среќата, таа е веќе препознаен идеал, етичка доблест.

Во утилитаризмот корисноста е цел и резултат на едно *свесно однесувањето*, кое за човекот освојува широки и фини задоволства и го ослободува од тегобности и болки. Стјуарт Мил вели: “Нашите дејства се исправни доколку водат кон унапредување на среќата, а неисправни доколку водат кон производство на нешто што е спротивно на среќата... Задоволството и ослободеноста од болка се единствените нешта што можат да бидат посакувани како цели“. Затоа се препорачува реализирање на живот исполнет со добро и среќа, и тоа за сите - за сите луѓе, како и за сите суштества кои чувствуваат.

Според семејниот пријател **Џереми Бентам** (1748-1832), кој прв ја објасни идејата на утилитаризмот, смислата на животот, најдобриот живот е ако се остварува **најголемо количество среќа за најголем број луѓе**. На ова посочува и

Стјуарт Мил. Но, овој поексплицитно ќе се искаже во однос на *квалитетот*, а не само на квантитетот на уживањето. Тој истакнува дека човекот не е прост, изолиран ентитет, кој би се изживувал со егоизмот. За Стјуарт Мил, човекот е суштество на *социјални односи* и суштество кое се развило до таков степен што има *префинетост во потребите и разумност во барањата*. Основната вредност на човекот е **достоинството**, кое се изградува со духовните способности. Со него човекот ја изразува својата самосвест.

Стјуарт Мил зборува за луѓе на *соодветен (висок) степен на развиток*, кои се свесни за својата природа, за своите потреби и цели, кои ги познаваат механизмите на својата психологија, па го почитуваат својот стремеж кон задоволства и бараат нивниот свет и општество да бидат суредени така што да им го овозможат нивното реализирање. Тоа истовремено се и луѓе со облагородени содржини на задоволствата и готови се нив да ги делат со ближните, бидејќи живеат во една широка општествена форма. Личноста треба да се однесува на **човечен начин**, кој нема да ги повредува другите, треба да води сметка за своите вистински интереси, а не слепо да се поведува по саможивоста, со тоа всушност уништувајќи ја основата за реализација на личните цели (еден своевиден модерен рационален егоизам, кој го објасни Хелвециус). Создадена врз основите и визиите на современото западно општество, Миловата **рационалистичка и просветителска етика зборува за моралот на изградениот и самосвесен човек на денешницата**. Луѓето ќе станат свесни за своите приватни и јавни нешта и ќе се активираат за нивно реализирање. Таквиот човек “изворите на своето неисцрпно интересирање ги наоѓа во сето она што го опкружува: во природните објекти, во достерелите на уметноста, во имагинацијата на поезијата, во историските случувања, во патиштата на човештвото во минатото и во сегашноста и во неговите перспективи во иднината“.

За Стјуарт Мил, човек не може да биде рамнодушен ако е *цивилизиран*. Тој ја дава следната важна етичка поука и за единките и за водачите на модерните општества: “Најголемиот број од реалните зла во светот се такви што можат да се отклонат и конечно ќе бидат сведени на најмалечка мера ако човечките околности и натаму се подобруваат. Сиромаштијата, која во секој поглед содржи страдање, може целосно да се искорени со мудроста на општеството здружено со здравиот разум и штедливоста на единките. Дури и болеста, тој најнескротлив непријател, би можела бескрајно да се намалува во своите димензии преку добро физичко и морално воспитување и преку соодветна контрола над штетните влијанија... Со својата грижа и труд луѓето можат до голем степен да ги совладаат сите големи извори на човечките патила, а многу од нив речиси целосно... Секој човек, кој е достатно интелигентен и благороден да внесе во тоа настојување свој, колку-годе мал и незабележан придонес, ќе има во таа борба благородно уживање, од коешто тој не би се лишил заради некаква поткупливост во форма на себично задоволство.“

Утилитаризмот не е морален образец на луѓе заинтересирани само за себе, туку концепција за таков социјален морал во кој е голема улогата на етички свесната единка и во кој добрите социјални околности, настојувањата околу успешната организација на општествениот живот, се услов за реализирање на задоволство во животот на единките. **Силата на утилитаристичката етика е општата среќа, која се гради од среќата на единките** (на пример, тоа е основата и тенденцијата во новото општество Европска Унија). Оттука се изведени и содржините на оваа моќна социјална и индивидуална етика, која предничи во најсилниот дел на современиот свет во голем подем. Оваа морална концепција нему му дава темпо побрзо од она во

другите делови на светот. Заедниците се потпираат врз **творечкиот фактор на нивните членови**, а нема ни решение ни успех без достоинството на единката и без определувањето на заемните односи на единките во општеството и на обврските на општество во однос на своите членови. Така утилитаризмот е најдобра, **најприфатлива етичка доктрина и највлијателен морал на модерното западно општество**. И во XXI век тоа и натаму ќе биде доктрина за почит, бидејќи добро ги поврза интимните стремежи на човекот и неговите актуелни јавни задачи. Таа концепција е **прифатена и развивана кај најзначајните современи етичари**.

Доброто и среќата не треба да бидат само сонуван инцидент, туку животна реалност. На таквиот модерен дух и резултати од добриот морал повикува Џон Стјуарт Мил - на еден живот и етика во кои секој е слободен, ги чува својата слобода и интимни интереси, но е свесен и за заедницата, чијшто е дел и конституент, се бори таа да биде добра, модерна и успешна, и при тоа со задоволство ги извршува своите човечки обврски, како свесно и разумно суштество, на коешто моралот не му е тежина, туку начин на сериозно човекување и успешен опстанок. Фридрих Ниче и Бертранд Расел ги критикуваат етичките погледи на Мил како збркани, етичките апсолутисти ја сметаат за кусорочна замислата на етичка среќа, некои нобеловци економисти го сметаат Стјуарт Мил за неоригинален, еклектички политички економист. Сето тоа се промашени оценки со оглед на реалноста, во која во современото доминира и во иднина ќе доминира токму утилитаризмот според концепцијата на Џон Стјуарт Мил.

**Етички фрагменти од Џон Стјуарт Мил**

“Според принципот на најголемата среќа - крајната цел, во однос на која и поради која се посакувани сите други нешта (сеедно дали станува збор за нашето сопствено добро или за доброто на други луѓе), е еден живот колку што е можно повеќе ослободен од болка и колку што е можно повеќе богат со уживање... Тоа е цел на човечките дејства, па тоа мора нужно да биде и мерило на моралноста. Според тоа, моралот може вака да се определи: тоа се правила и прописи кон кои мораме да се придржуваме ако сакаме на сите луѓе да им биде обезбеден таков посакуван живот, и тоа во најголема мера; и дури не само на сите луѓе, туку, колку што тоа го дозволуваат нештата, и на сите суштества кои чувствуваат.“

“Подобро е да се биде незадоволно човечко суштество, отколку задоволна свиња; подобро е да се биде незадоволен Сократ, отколку задоволна будала.“

“Вистински лични стремежи, како и искрено интересирање за општото добро, се можни кај секое правилно одгледано човечко суштество... Секоја единка која располага со тој скромен збир на морални и интелектуални реквизити, во еден свет во којшто има толку многу интересни нешта, толку многу за уживање и исто толку многу работи што треба да се исправат и усовршат, е способна за еден живот кој може да се нарече убав.“

# 62. Пјер-Жозеф Прудон

## НИКОЈ НЕ ТРЕБА ДА ИМА ВЛАСТ НАД ДРУГИОТ



Некои етичари зборуваат многу искрено за суштината на животните проблеми и изнесуват радикални идеи за организирање на живеењето, така што може да ги зашеметуваат луѓето. Иако им посакуваат само добро на луѓето и ги учат како да се ослободат и да постигнат среќа, **луѓето понекогаш се плашат од своите морални добротвори**. Една од личностите спрема која се изразува ваков амбивалентен однос е францускиот анархист Пјер-Жозеф Прудон.

**Пјер-Жозеф Прудон** е роден во 1809 година во провинција. Бил говедар и како сиромашен морал да го остави училиштето, работел во печатница, потоа малку студирал, бил *самоук* - напишал дека, “како еден вид безнадежност, самиот создал наука“. Имал материјални и политички тешкотии како писател со радикални идеи. Бил затворан и емигрирал. Делото “Што е сопственоста?“ (1840) му донесе *свеӣска слава* - работниците и другите бедни го величаа како херој и учител, газдите изразуваа гнев и омраза, а критичките интелектуалци му искажуваа почит. Така е сé до денес.

Во своите бројни дела Прудон бил **остар критичар на социјалните проблеми** - особено на алчноста, на експлоатацијата, на судирите помеѓу луѓето, на заблудите што луѓето ги имаат за светот и за заедничкото живеење. Имал убави идеи, кои допрва ќе станат важни за човештвото. Меѓу политичките системи тој го додал поимот “**анархија**“ - систем *без власӣ над луѓеӣо*. Истакнувал дека пишува “за денеска и за утре“. Предлагал и организирал мерки за надминување на лошите состојби и посочувал дека се надева оти барем во иднината ќе бидат надминати катастрофалните социјални состојби. Умрел во 1865 година.

За Прудон основната етичка идеја е **достоинството на човекот како разумно, самосвесно, слободно суштество**. Во делото “За правдината во револуцијата и во црквата“ (1859) говори за севкупноста на практичните норми во животот. Прудон се поставува наспроти дотогашните религиозни и метафизички учења; нештата треба да бидат набљудувани непристрасно, а анализата треба да се занимава со реалните состојби. **Правдината** за него е “точката каде што се поврзуваат чувственото и разумното, реалното и идеалното, метафизичките поими и согледбите од искуството“. Таа е **универзален принцип** - во практиката таа е правило за нашите права и должности, во теоријата е критериум за извесноста на судовите, таа е идеал во фантазијата, а обезбедува рамнотежа во природата. За Прудон тоа е “едноставна вистина, како што законите на математиката се изразуваат и во

социјалните движења и во хемиските процеси, бидејќи ни во моралниот ни во механичкиот свет нема ништо без основа, број и мера“.

Прудон сметал дека сознанието има вредност заради влијанието што може да го изврши врз животната определба на луѓето. Затоа философијата треба да стане “народна“, да проникне во масите, да изгради општи ставови; затоа таа е значајна во нашата епоха. Во епохата на *позитивизмот*, и Прудон верува во силата на науката и знаењето да ги подучат човекот што да прави, како да го надмине стихијното движење и да го стори она што историски е неизбежно. Промените мора да се случат, преобразбата на животот е неопходна. За Прудон “револуција“ значи двојно создавање - на оправдано теориско мислење, како и на рационален и хуман живот. Старите ставови станале празни, се потпираат врз натприродното, тие се предрасудоци - затоа е нужно **освестување на луѓето**, доаѓање на човекот до самосвест, изградба на нови реални етички содржини.

Реалната содржина на правдината и начело на сета етика Прудон ја наоѓа во чувството на лично достоинство. Тоа има најголема вредност за секоја единка, а истовремено ги поврзува единката и ближните: "Во односот кон ближниот чие достоинство го ценам, јас се воздигнувам до чувството на **човечкото достоинство** воопшто. Тоа чувство е несебично, јас го чувствувам и спрема пријателот и спрема непријателот. Ова чувство владее и над другите чувства (дури и над љубовта, па со тоа и се разликува од неа). Со правдината во секоја личност се разбудува достоинството во неа, како што се бара почитување и спрема другите личности". Достоинството, најнапред потврдено во нашето сопство, а потоа, без егоистичка сметка, и во личноста на другиот, се нарекува “**право**“. Во него секој се чувствува како личност и како целост, и како единка и како член на заедницата, и како човек и како човештво (видете, колку модерната идејата за “правна држава“ му должи на Прудон за својата етичност!?).

Достоинството Прудон го определува како **слобода**: “Слободата е да се имаш (поседуваш) самиот себе со целината на постапките, со рамнотежата на страстите и со балансот на дејствата - тоа го нарекувам Достоинство“. И правдината тој ќе ја означи како “спогодба за слободата“.

За Прудон љубовта е подолу според рангот од достоинството и правдината. Човекот не може секого да го сака, но може да го почитува достоинството на секого. Прудон се противставувал на организирањето на општеството врз принципот на љубовта, укажувајќи дека таквата база е несолидна и нереална за социјалните односи и нема да помогне во лекувањето на тешките општествени рани. Најзадолжителна е правдината. Прудон дури има кажано: “Милосрдноста, земена како орудие на еднаквоста и како закон за воспоставување рамнотежа, ќе предизвикува разбивање на општеството“. Тој бил против општеството да се гради како карикатура на црковните посоки.

Основата за етиката Прудон се обиде да ја пронајде во човечката природа. Правото е производ на човекот, неговата суштина не треба религиозно, философски или политички да се мистифицира, врзувајќи го за некое начело кое стои над човештвото (отстранувањето на поимот Апсолутно Прудон го има означено како една од главните задачи на својата мисла). Правдината не им придоаѓа на луѓето одозгора, таа не може да биде внесена во нив однадвор. Истакнува дека видот не може да има важно својство коешто недостига кај единката. Оваа способност на човекот се раѓа кога тој ќе се најде наспроти другиот човек. За Прудон **совеста** е својство врз коешто се базираат чувствата за правдина и на човечкото достоинство. Таа е владетел на нашиот

внатрешен живот. Нејзините заповеди креваат во нас брана: наспроти сопствените страсти, наспроти нашето насилничко однесување спрема другите и наспроти насилството што ни се прави нам.

Совеста ја изразува вишата природа на човекот, која допрва треба да биде создадена, за коешто се нужни подобри времиња. Ни разумот не постои пред сетилните впечатоци, па пред да има заедничко човечко живеење уште не постои ни совест. Без осетите разумот е празен; без чувствата совеста е слепа. Потребно е искуство за двеве човечки сили. Израснувањето на човештвото е негов развиток. Правдината е резултат на илјадагодишната социјална и етичка активност. За Прудон **прогресот** е централна точка на човечкото постоење. Сé е во развој, ништо не е круто, постојано, апсолутно. Така е и со моралот. За Прудон моралниот прогрес е сигурен исто како и поимот на правдината. Силата за овој прогрес Прудон ја гледа во способноста на човекот да **идеализира**. Моралните вредности и норми се создаваат со фантазијата, оваа е круна на нашиот живот. Нејзината внатрешна моќ зависи од слободата. Одделувањето на Доброто и Злото е процес. Моралната настроеност произлегува од справдливата визија и дејства.

Ова е видливо во учењето на Прудон за еден голем социјален проблем. Во книгата “Што е сопственоста?“ укажува дека на прашањето што е ропство би можело да се одговори со еден збор: *Злосторство*. Не би морало да се објаснува дека со ропството “на човекот му се одзема мислата, волјата, индивидуалноста, со еден збор власта над животот и смртта“. Заклучува: “Да се направи човекот роб тоа е исто што и да биде убиен“. А за прашањето за **сопственоста** вели дека се даваат разни објаснувања, но и за неа може да одговори само: *Кражба*. Тој го искажа ставот “**Сопственоста е кражба**“, кој ќе стане водечка идеја на сите радикални критичари на современата цивилизација. Тие зборови ги презел од *Брисо де Варвил* (гилјотиниран во Француската револуција). Својата позиција Прудон ја опишал: “Јас знам што е бедотија... Живеев со неа. Сé што знам му го должам на очајувањето“. Тој прецизно и трогателно зборува за проблемите кои произлегуваат од дивеењето на приватната сопственост, за немилосрдната конкуренција, за неморалот што таа го предизвикува, за бедата со која ги опсипува бессилните.

Прудон даде придонес и со објаснувањето на **суштината на власта**. Тој докажува дека во секој вид власт, сеедно дали таа е монархија, аристократија или демократија, има *иста грешка*: се владее со сила, некој некого угнетува, малцинството го малтретира мнозинството или мнозинството малцинството. Затоа ќе воскликне: “Ние сакаме анархија!“ - како порака дека **никој не треба да владее со луѓето**, туку секој да си биде одговорен на самиот себе.

**Анархијата** е израз на внатрешниот бунт (пред сé на разгневената единка) против системот, институциите и нивните претставници. За овие народот е “аждер, против кого тие се борат, му ставаат алка да не мрда и го врзуваат во пранги, го кротат со глад, му пуштаат крв со колонизирање и војни“. За Прудон предрасудата за Државата е најголема од сите човечки заблуди во историјата, “таа треба да биде избркана во музеите и библиотеките“; тој вели дека луѓето ја ценеле државата затоа што погрешно верувале дека ги заштитува послабите и бедните, а таа всушност е чиста авторитарност: “Кој над мене става рака за да ме владее, тој е узурпатор и тиран. Јас го прогласувам за мој непријател“. Прудон ги критикувал комунистите затоа што сакале уште посилна власт (тој сметал дека секоја држава е зло) - тие само одземениот топ го вртеле на друга страна: “Робот секогаш го подражавал господарот“. Ја отфрлал нивната концепција за владеење над масите, за силата и неделивоста на власта, за

централизацијата, за уништувањето на секоја слободна и локална мисла и за инквизициската полиција (колку пророчки предвидувал авторитарни заблуди во подоцнежните комунистички општества?!). Прудон својата концепција ќе ја нарече и **федералистичка**, според обединувањето на слободните делови на заедницата (тој поим ќе се сретне како политичка идеја во *Македонија* по Уриетот во 1908 година, ќе го сака и користи големиот и умен херој **Јане Сандански**, 1872-1915).

За Прудон **изворот на човечката енергија е единката**. Но, тој не инсистира на апсолутниот индивидуализам како натрупување на единични егзистенции без природно поврзување и колективна сила. Исто така, смета дека нема горна сила која да ги усогласува интересите; револуцијата треба да почне и да се води одоздолу, не одозгора. Општествената возобнова треба да биде дело на масите. Сепак, анархистичката идеја не е утопистичка. Прудон зборува за реалистичноста на градењето на обединетото човештво на самосвесните единки. Тие треба да станат "господари на сé". Идеалот е **самоуправата**, која како колективизам го отфрла етатизмот. Во условите на нужна широка поврзаност на индустријата се бара здружување на производителите - при што секој има право на имотот на компанијата, треба да преземе дел од тешките работи, мора да учи за сите дејства во таа сфера, со ротација да ги извршува функциите, има право на дел од добивката, а самите работници си ги избираат своите технички раководители.

Оваа идеја оди заедно со амбицијата искажана од Прудон производителите да завладеаат со целината на општественото богатство и размена. Имено, сопственоста вон од нивните раце ќе репродуцира стари социјални односи на надреденост и подреденост. Прудон не верувал дека е возможна лична слобода без имот, а за капитализмот мислел дека може да се реформира на мирен начин, со основање на народни банки, со ефтини кредити за сиромашните. Ја развивал идејата за мутуализам - **заемност**, бидејќи заедничкото настапување е повредно и дава полза за сите.

Со критиката на експлоатацијата и со истакнувањето на неопходноста и благодатта на слободата и еднаквоста Прудон се здобил со големо име во социјалните конфликти во средината на XIX век. Имал многу опоненти и во владејачките слоеви и кај колегите-револуционери. Анархијата, сепак, стана придобивка на доблесните единки и на разните помалечки социјални движења. Не многу личности, но неколку мошне значајни во интелектуална смисла беа анархисти - Италијанците **Силвио Пелико** (1789-1854). **Енрико Малатеста** (1850-1932) и **Курчо Малапарте** (1898-1957), Германците **Јохан Мост** (1846-1906) и **Густав Ландауер** (1870-1919), Русите **Михаил Бакуњин** (1814-1876) и **Пјотр Кропоткин** (1842-1921), Американците **Алексадер Беркман** (1870-1936), **Ема Голдман** (1869-1940) и современиот писател **Ноам Чомски,** нашите **гемиџии, мексиканските и шпанските** револуционери, Французите **Жорж Сорел** (1847-1922), **Даниел Герен и** предводникот на студентските демонстрации во 1968 година **Даниел Кон-Бендит**, а кон нив може да ги придружиме и големите писатели **Пол Валери** (1871-1945), **Херберт Рид** (1893-1968) и **Олдос Хаксли** (1894-1963). Имаа различни погледи и за организираноста и за дејствата - некои се опираа врз силна јавна критика на состојбите, другите помагаа во синдикалната борба, третите правеа скандали со бомби, но сите веруваа во нужноста од правдина и во достоинството на човекот. Во Шпанската граѓанска војна анархистичките одреди имаа значајна улога (за тоа во книгата "Почест за Каталонија" пишува **Џорџ Орвел**, 1903-1950, авторот на прочуените критички дела "Животинска фарма" и "1984"). Во студентските протести **во 1968** година се

покажа дека идеите на Прудон уште се живи - беа **цитирани** и тие се пишувани како **графити**. Во една популарна народна песна се вели дека “сите сме луѓе на овој свет и имаме чувства свети, срце имаме сите, и бедните и богатите“.

**Етички мисли од Пјер-Жозеф Прудон**

“Да се биде слободен, да се остане слободен!“

“Власт на човекот над човекот е ропство.“

“Ние сакаме анархија (никој да нема власт на другиот)!“

# 63. Херберт Спенсер
# ПАТ КОН МОРАЛНОСТА



Објаснувањето на сите нешта е работа на философот. Се разбира дека е тешко да се направи сеопфатно зафаќање на комплексната реалност на светот, кој се состои од огромна вселена и од микросвет, како материјални основи на сé што постои, а некаде во средината е нашиот свет со бројните пројави, биолошки и социјални, а тука спаѓаат и психичките процеси, неразвиени во животните и мошне развиени кај човекот, кој може да биде сметан и како центар на сите овие прашања, ако философот се концентрира да ги објасни со оглед на човековото единство на материјалното и духовното и со оглед на бројните начини на кои човекот дејствува и опстанува. Разни философи се обидувале да развијат погледи во кои ќе можат да се вклопат сите овие бројни и тешки прашања, градејќи системи на мислење во кои како единство ќе може да се сместат сите важни сегменти на светската и човечката егзистенција. Еден таков оглед направи англискиот мислител Херберт Спенсер, врз основа на еволуционистичката теорија, посебно врз откритието на Дарвин за еволуцијата на живиот свет и на човекот, кој со книгите "Настанувањето на видовите" (1859) и "Потеклото на човекот" (1871) ја потресе светската и научната јавност. Во учењето на Спенсер особено место зазема етиката, еден нов вид философија на солидарноста, поврзана со еволуционистичкиот поглед на светот.

Еволуционизмот не бил само научно откритие на **Чарлс Дарвин** (1809-1882) во областа на биологијата, а потем и во антропологијата. **Еволуционизмот е општ поглед** за суштината и за развитокот на светот, концепција дека сите нешта се производ на внатрешното движење на нивните потенцијали и поврзана е со развивањето на нивните супстрати и форми. Дарвин го потврди она што го насетуваа или скромно го изложуваа некои мислители од Антиката до модерната ера. Клучот за разбирање на човечката природа се наоѓа во историјата на човечкото природно настанување и развиток. По вистинската експлозија во научните кругови, основните погледи на Дарвин се прифатени како најголемо човечко научно откритие и како **принцип кој важи насекаде**, од биолошката до социјалната сфера, од историјата до човечките сознанија и ставови (Дарвин бил примен во 150 научни академии од целиот свет); кога во 2000-тата се оценуваше развојот на науката, од многу комисии еволуцијата е оценета како *најзначајно откритие* во изминатиот милениум.

Многу научници станале следбеници на Дарвиновите погледи. Истовремено како Дарвин, до слична идеја, но не толку развиена и образложена, дошол и биологот **Алфред Валас** (1823-1913); философот **Стивен Лесли** (1832-1904) направи во етиката спој на утилитаризмот са теоријата на борбата за опстанок;

биологот **Томас Хаксли** (1825-1895), можеби најгорлив застапник на дарвинизмот, кој го создаде изразот "агностик" - оној кој не верује ако не види, што стана популарно како вид определба кон религиските погледи (инаку дедо на двајца исклучителни мислители - на зоологот **Џулиен**, 1887-1975, првиот директор на УНЕСКО, и на прочуениот интернационален хуманист **Олдос**, 1894-1963); германскиот биолог **Ернст Хекел** (1843-1919), кој го создаде терминот "екологија", кој има клучно значење во современата епоха; америчкиот социолог **Вилијам Самнер** (1840-1910) еволуционистички објасни како настанува моралот - од народните обичаи, кои спонтано израснуваат од човечките потреби, а потоа со разумско објаснување се доаѓа до принципот на вистинитото и правилното како морал; но во исто време тој тврдеше дека во животот постои социјална *борба* помеѓу способните и неспособните за преживување, што е наречено **социјал-дарвинизам** (коешто ни е многу сакана и бранета доктрина); ќе го спомeнеме и познатиот српски академик д-р **Синиша Станковић** (1892-1974), кој прв кај нас го презеде поимот и започна со истражување на екологијата и како млад научник се прослави со испитувањето на охридската пастрмка и на нејзините животни услови и го основа охридскиот Рибарски институт, како една од нашите први научни институции.

**Херберт Спенсер** е роден во 1820 година во англискиот град Дерби. Татко му бил учител, но не го терал да оди на училиште, сметал дека тоа е натурање на сознанијата однадвор; на секого треба да му се даде можност сам да си ги развива потенцијалите. Всушност, Херберт се образувал сам, многу сакал да чита и да размислува. Од 17-та година станал инженер, но од 22-та преминал во журналисти и пишувал економски и политички статии. Уште млад решил да се повлече и да биде филозоф. Тоа изгледа чудно, ако се земе предвид дека за инженерската професија треба да се биде специјалист; но, во новата епоха инженерството е начин на вкупно дејствување (т.е. стручност и професионализам, планирање, анализа, извлекување заклучоци, постапување според узансите или според нужното, постојан преглед на стореното, корекција на сработеното, завршување и проверка на дејствата - така денес работат и лекарите, наставниците, пилотите, метеоролозите, политичарите, невладините активисти и сите во сите струки). Спенсер само порано од сите разбрал дека инженерското искуство, како и журналистичкото, е толку општо што го квалифицира за високата филозофска професија (но предано читал научни, филозофски и религиски дела).

Се определил да ги опишува феномените на светот и на човечкото постоење. Почнал со претставување на *индивидуалноста* како суштина на современата цивилизација, односно како единствен принцип кој може да ги реши социјалните проблеми (1843), објавил книга за *општествената организација* (1850), која се карактеризира со развиток од поедноставното кон посложеното, изложил *хипотеза за развитокот* (1852), ја претставил *генезата на науката* (1854), дал *анализа на психата* (1855). Од 1850 до 1857 година создал план за систематска филозофија, која врз основа на фактите и научната законитост, ќе создаде синтеза, единствено објаснување на сите појави. Објавил (1857) и книга за **прогресот** и за неговата законитост, што е едно од основните начела на постоењето во индустриското и научното општество. Тогаш излезената основна книга на Дарвин "Настанувањето на видовите" толку го возбуди и тласна Хербарта, што тој сé што натаму разработуваше го **поврзуваше со еволуционизмот** (иако основната идеја ја има објавено пред да се појави Дарвиновото дело, а самиот Дарвин го сметал Спенсера за свој претходник). Една година потоа, во 1860-та, Спенсер објави *проспект* за детална градба на

еволуционистички сфатената философија. Од планираните 7 томови, на крајот материјалот беше разработен во 10 томови, со слични наслови и со поврзани сознанија. Целината ја нарече "Систем на синтетичката философија" (кога било завршено изданието, у Британија е направена народна свеченост, што покажува колку во текот на работата Спенсер модерно го користел печатот за луѓето да бидат во ток со целиот тој труд).

Спенсер објави цела серија такви дела: "Први принципи" (1862), потоа "Принципи на биологијата" (1864-67), "Принципи на психологијата" (1870-72, како второ издание на книгата од 1855-тата), "Принципи на социологијата" (1876-96, со "Институции на обичаите", "Политички институции" и "Религиски институции"), и конечно "Принципи на етиката" (2 книги, 1879-93). Така беше завршен циклусот - од пројдовните начела, преку биологијата, психата, социјалниот живот, до етиката. Беше славен како прв англиски мислител кој направил целосен философски систем (што не е точно; Френсис Бекон, Лок, Хјум, Џон Стјуарт Мил и други автори мислеа систематски и нивните дела сочинуваат системи, но новиот журнализам трчаше по сензации, а насловите на делата на Спенсер директно посочуваа на посакуваната едногласност на размислувањата). Беше популарен и читан во целиот свет. Умре почитуван во 1903 година. Неговата подготвена "Автобиографија" излезе постхумно (1904).

Спенсер е *емӣирисӣ*, кој нагласено води сметка за фактите и за развојот на појавите. Истакнува дека *наукаӣа* (чија егзактност тогаш силно се развиваше) е способна да ги открие законитостите во движењето на феномените. Меѓутоа, секоја наука има своје поле за дејствување, испитува само еден вид појави и откриените закони се користат само во таа област (хемиски, физички...). Философијата, според Спенсер, како општо сознание може да даде принципи кои се сеопшто применливи. Таа ги обединува посебните знаења. Изложеното еволуциско начело за развојот на живите суштества Спенсер го возвиши во философски принцип, во јадро на "првата" научна философија, која може да даде **синтеза** на сите научни сознанија. Тоа начело тој го определи како развиток од релативно неопределена, некохерентна **хомогеност** кон релативно определена, кохерентна **хетерогеност** (што како принцип го кажа уште во книгата за прогресот, 1857).

Таквиот појдовен став тој го примени врз целата реалност, од најдалечните животни пројави па се́ до изградбата на етичките вредности за новата цивилизација. За Спенсер еволуцијата претставува **растечка сложеност**, новите појави имаат повиш карактер од претходните. Не станува збор за апстрактна идеја на развитокот, која и пред тоа ја имаа некои философи, туку за законито движење на феномените, како единствен процес, кој треба да го третираме како владеење на детерминизмот. Од атомите и маглините, од сончевиот систем и планетите, преку геолошкиот развиток, настапува биогенезата, а потем преку психичкиот и општествениот развиток се стига до крајната точка - етичкото однесување на најразвиеното суштество од природата. На почетокот хомогените атоми, кои немаат своја целост на која би ѝ припаѓале, инаку несложни, почнуваат да се организираат, создаваат комплекси, се́ посложени целости, за низ долгиот развиток да се стигне до човекот, кој самиот треба да се развива како индивидуа.

Во "Првите принципи" Спенсер ја изложува и својата теорија на сознанието. Тој прави разлика помеѓу науката и религијата (што во неговата епоха е основен позитивистички став). Предмет на науката е она што непосредно им е дадено на искуството и сознавањето. Со неспознатливото, со она што е надвор од нашите перцепции, што не го знаеме и никогаш нема да го

сознаеме, се занимава религијата. Тоа може да се нарече *сила*. Науките создаваат сојуз за да ја разберат целата реалност и заклучуваат дека сé се развива. Не знаејќи ја причината на развитокот, тие од религијата го позајмуваат поимот на сила како мотор на вкупниот развиток. Но општиот закон останува патот од хомогеното кон хетерогеното. Еволуцијата се случува **механички**. Спенсер се потпира врз идејата на математичарот и астроном **Лаплас** (1742-1827, кој заедно со Кант ја изгради теоријата за настанокот на сончевиот систем со вртење на маглината). Прашањето како некоја ствар станува статички момент на динамичките збиднувања Спенсер го решава на механички начин, а еволуцијата е продолжение на космологијата. Од дифузните движења на основните честички, со нивното ладење и насобирање, настануваат сите форми на геологијата, биологијата, социологијата и психологијата. Материјата од некохерентна и неопределена преминува во нешто определено и кохерентно. Со интеграција на хемиските елементи се создаваат физички тела, од овие едноклеточни организми, кои, под влијание на средината, стануваат похетерогени како поразвиени живи суштества итн. Се случува *интеграција*.

**Целото постоење е природно збиднување**. Развитокот оди од хемиските и физичките елементи кон општествените целини и индивидуалниот живот. Интеграцијата, комплексноста на материјата води кон сé поголема хетерогеност и индивидуалност. Прво се најпростите суштества, секое натамошно суштество е посложено и постојат сé повеќе видови, животот е сé поразвиен и со поцелосна интеграција оди кон сé посовршени целини. Во секој степен на постоењето, истакнува Спенсер, постои вакво движење кон хетерогеното. На почетокот во свеста има само неколку првични психички елементи. Звукот се обликува како судир на дразбата со слушниот апарат, а тоа е цела една организација, која говори за натамошната интеграција на елементите, но и на подемот со дифузија, како што е во секоја сфера. Така слично се толкува и општеството. Со наголемувањето на бројот на луѓето, просторите стануваат понаселени, па се прави поделба на трудот, чиј развиток зависи од развиеноста на заедницата. Со поделбата на трудот секоја индивидуа ќе дејствува посигурно, попрецизно и повеќе ќе произведува. Специјализацијата е сé поевидентна, но тоа донесува меѓусебно насочување на индивидуите и поголема интеграција на општеството. Секоја индивидуа е сé позависна од општествената целина, но од своја страна сé поиндивидуална. Како за секој еволуционистички став, добро е унапредувањето на животот, спротивното е зло: "Неморално е човек да се однесува спрема организмот на начин што ја намалува неговата енергија и вредност".

Кај Спенсер **етиката донесува нови вредности**. Етиката е своевиден *заклучок* на еволуционизмот кај Спенсер. Тој укажува дека општествата главно се развиваат во два типа - милитаристичко и индустриско. Од нив Спенсер не е задоволен. Според логиката на еволуцијата, следува развој од општествената целина кон етиката. Станува збор за еволуција која би ја правел самиот човек. Постои еволуционистичко прашање, што ќе се случи со натамошниот развиток на човекот, ако сé што настанало се развило од претходните форми на постоењето. Спенсер вели дека нема повеќе да се јавуваат нови суштества, кои би произлегле од луѓето (како што Ниче тврдеше со несреќно избраното име "натчовек"), туку дека човекот е крајна форма на еволуцијата, која, сепак, не завршува. Ќе се развиваат човечките потенцијали, психички и социјални, а суштествен ќе биде развојот на **етичките позиции**.

Во милитаристичките општества сé е подредено на војната и одбраната. Единките се само средство, а не цел. Основната вредност е *послушноста* (како што се бранеа нацистите по Втората војна дека нивна задача била да ги слушаат

заповедите на фирерот). Бидејќи според еволуционистичката теорија борбата е основен фактор на живеењето и успехот, таквите општества се борбени целини, кои влегуваат во војна со другите. Индустриските општества се мирни заедници, свртени кон производството на животните средства. Тука на прво место е *трудот*. Индивидуите се насочени кон соработка за реализирање на општите интереси. Но сé поголемата поделба на трудот води кон зависности, дури кон подјармување на човекот. Постојат и судири на различните сталежи. Тогаш и индустриското општество станува милитаристичко (иако силата можеби е свртена внатре кон заедницата).

Овие проблеми, според Спенсер, може да се решат само со помош на етиката. Првото и најважно е **индивидуалното да се признае за нешто свето**. Не смее да се попречува воздигнувањето на оние кои се способни. Целината нема морално право да влијае врз единката и да ја управува. Општеството кое може да ги реши тешкотиите на милитаристичкото и на индустриското општество е **етичкиот тип на општество**. Етиката ќе ги изложи условите од кои зависи моралниот живот. Таа треба да го востанови интегрираниот човек, врв на еволуцијата дури и ако уште не се создадени условите за тоа (ова е внатрешна *критика и инспирација на етиката дека не смее да застане да дејствува во сите услови*, човечни и нечовечни! - мошне модерна идеја на Спенсер). Интегралниот човек е **совршена личност**, како идеал на развитокот, но и како израз на дострелите на научните етички сознанија, во кои спаѓаат вистината и вистинољубивоста наспроти лагата и лажливоста. За Спенсер етичките појави се дел од еволутивните процеси, етичката страна на живеењето е *врв* на човековиот развиток и егзистенција.

Интегралната личност како израз на крајната хетерогеност на развитокот претставува богатство од идеи, нијанси, еластичност и приспособливост на сé. Неа ништо не може да ја ограничи и таа и нејзината дејност нема да се збунат од другите луѓе, ниту од нивните, сеедно какви желби. Станува збор за исклучително индивидуализирана, современа, диференцирана личност, која со својата еластичност и целосност претставува **кулминација на севкупниот живот**, полна интеграција и специјализација за сé. Таа личност органски е морална, не се двоуми, нема можност да згреши.

Со еволуцијата луѓето доаѓаат до степенот на *егоизам*, за да ги развиваат само своите интереси. Но интегрираната личност со самата борба помеѓу луѓето доаѓа во свеста за нужноста на **алтруизмот**. Ова е израз на *симпатиите* кои постојат во човечкиот род, како помеѓу мајката и детето. "*Доброто* се однесува на она поведение со кое човекот им помага на болнните да си го востановат своето здравје, им помага на несреќните да најдат средства за својата опстојба, ги заштитува оние на кои им се прави закана на личноста, имотот или на репутацијата, и го помага сето она што ќе го подобри живеењето на своите сонародници. Обратно, основното значење на зборот *зло* се однесува на поведението на човекот кој, во името на самољубието, го повредува животот на другите, им прави физички рани, ја уништува нивната сопственост, ги измамува и ги клевети." Со подемот на општеството сé повеќе безмилосната борба за опстанок во примитивните заедници ќе се заменува со **сé поголема интеграција помеѓу луѓето**. Единките сé повеќе ќе се потпираат едната врз другата, а алтруизмот ќе станува сé посилен етички закон, дури, според Спенсер, ќе дојде време кога повеќе нема да има егоизам, секој ќе дејствува мислејќи истовремено и за себе и за другите. Исто така ги споредува минатите и современите сфаќања за справедливоста; денешните општества донесуваат правдина за сите (еден вид утилитаристичка варијанта). Еволуцијата, вели Спенсер, на сите полиња води

кон висок развиток, па и општествениот развиток ќе дојде до состојба во која ќе се **изедначат единичните и општите интереси**, со што ќе се намалува и количеството на злото. Таа состојба Спенсер ќе ја нарече **апсолутна етика**, која препоставува **совршено човечко живеење во совршено општество**. Ваквите личности со својот благонаклонет нагон спонтано ќе го отклонуваат секое нарушување на правата на другите за нивно развивање. Таквите единки со сите свои сили ќе го унапредуваат општиот развој. Всушност, на луѓето нема да им биде туѓа дејноста за постигнување на најдобри далечни цели. Помеѓу луѓето ќе функционира **солидарноста**.

Така Спенсер не ја пушта механицистичката верзија на еволуцијата (блиска на насилната револуција) да води кон заедници во кои единките ќе бидат подложени на владеење и натисок. Со благородна визија и со смислата за индивидуализам тој ги опиша **етичките вредности како моќна сила на современиот човек**, кој изградува современ морал на човечко разбирање и солидарност. Развитокот ће води кон хуманистички односи помеђу луђето. Со тоа учењето на Спенсер ќе има исклучитекно *силно влијание* врз модерната етика во сите сфери, пред 100 години тоа беше најраширената и во светот најпознатата етика, и во политиката и во работничките движења, и во литературата и во новинарството.

**Етички мисли на Херберт Спенсер**

"Од доктрината на органската еволуција неизбежен е заклучокот дека највишиот тип на живи суштества мора на продолжи да се оформува во согласност со оние барања што ги наметнуваат околностите. И моралните промени се наоѓаат помеѓу овие промени."

"Суштествата што станале општествени се наклонети, во зависност од степенот на интелигенцијата, да станат *сочувс̄твӣтелни.*"

"Од етичко стојалиште, секоја единка треба да ги почувствува и благодаттите и лошите страни на својата природа и на постапките што следат од неа; да не биде попречена во уживањето на секое добро што ѝ го донесуваат нејзините постапки, но ниту да ѝ се дозволи злото што тие може да го направат да го натовари на туѓ грб."

# 64. Фридрих Енгелс
## НОРМИТЕ СЕ ИСТОРИСКИ УСЛОВЕНИ



Етичарите, философите, понекогаш настапуваат духовно слеани со некој свој претходник или врсник, така што ги сметаат за партнери во интелектуалната работа или за идејни придружници. Подеталното разгледување на нивното дело покажува за некои од нив дека се оригинални мислители, кои дале сопствен придонес кон етичката мисла. Еден таков творец е Фридрих Енгелс, чие дело обично се спојува со она што го дал неговиот постар другар и соработник Карл Маркс, иако самиот имал особен нерв за етиката и **придонел за моралната насоченост на современиот свет**.

**Фридрих Енгелс** е роден во 1820 година во Бармен, во богато и религиозно семејство. Татко му индустријалец го насочувал кон деловна кариера, но момчето го привлекувале идеите и интелектуалните движења и судири во таа епоха. Не завршил универзитет, но се дружел со најпознатите млади творци и со лични напори се здобил со добро образование - знаел многу јазици и познавал разни области. Почнал да пишува за духовните прашања, како и за тешката положба на работниците. По престојот во индустриската и интелектуална сила Англија се приклонил кон револуционерните акции за промена на општеството, во кое страда барем половина од населението. Се запознал и се зближил со младиот доктор по философија **Карл Маркс** (1818-1883), кој ги развивал своите антрополошки, економски и политички идеи. Истовремено и Енгелс пишувал критички текстови за негативностите на приватната сопственост, "која од човекот направила стока". Решение не дава религијата со својата трансцедентност (барање излез од онаа страна на животот). Човекот треба да го совлада *отуѓувањето* од својата човечност - да се врати кон самиот себе и животот да го суреди хумано. Во прочуеното дело "Положбата на работничката класа во Англија" (1845) Енгелс дава **најсилна критика на нехуманоста на првата етапа на индустриската револуција и капиталистичката експлоатација**. Го прикажал страдањето на луѓето и повредувањето на животната средина и со тоа ги навестил современата етичка емпатија, еколошката етика, критика na експлоатацијата на женскиот и на детскиот труд и проблемот на мобингот.

Во 1847 година Енгелс ги создал "Начелата на комунизмот", како опис на целите, задачите и методите на **комунистичкото движење**; барал "ликвидација на состојбата во која потребите на едни луѓе се задоволуваат за сметка на другите", "сестран развиток на способностите на сите членови на општеството", "учество на сите во користењето на благата што сите ги произведуваат". Врз овие основи со Маркс потоа го направиле "**Комунистичкиот манифест**" (1848), во кој се изложени идеите и етиката на комунистичкото дејствување, заедно со критиката на буржоаскиот морал. По пропаста на тогашните европски револуции, Маркс се населил во Лондон, а и Енгелс почнал да живее во Англија, каде што раководел со семејниот бизнис, но учествувал исто така во пролетерската политичка борба. Со Маркс биле соработници на њујоршкиот весник "Хералд Трибјун" (чие

интернационално издание и денеска излегува во главните градови низ целиот свет). Заедно ја основале и воделе Првата **Интернационала** (1864-1876), како асоцијација на критички насочените мислители и на првите организирани работнички здруженија. Откако умрел Маркс, Енгелс е основач и раководител на Втората Интернационала (1889-1893). Енгелс го помагал Маркса материјално додека овој го пишувал прочуеното дело "Капитал" (1867), а по смрта на Маркс ги завршил вториот и третиот том. Најпознатото систематско дело на Енгелс е "Анти-Диринг" (1878), критика на погледите на современиот етичар *Еуген Диринг* (1833-1921), кое му служи на чест на Енгелс - бидејќи неговите остри ставови се примарно одговор на антисемитизмот на Диринг. Енгелс почина во 1895 година како **бард на светското работничко движење**.

Кон етичките појави Енгелс пристапува како *историски материјалист*. Ги критикува идеалистичките "вечни морални вистини". Иронично ги нарекува етичарите моралисти кога се трудат да воспостават единствен морален систем за сите светови и епохи, не водејќи сметка за историската законитост на етичкото познание и норми: "Ако идеите за моралот и правдата важат за сите светови, тогаш нивното важење ќе може да се прошири и за сите времиња", значи тие стануваат вистини без призив. Затоа Диринг можел да заклучи дека моралните принципи стојат над историјата. Според Енгелс, "општествените форми постојат само во едно определено време и за определени народи и според својата природа се непостојани". **Нема вечни и конечни морални вистини**. Со т.н. вечни добродетели се отфрлаат поранешните "вечни" етички вистини, се прогласуваат за заблуда, а се објавува некој друг "вечен морал". Претставите за доброто и злото, всушност, се менувале од еден народ до друг и од една епоха до друга. Енгелс е против претензиите некоја морална догматика да се натури како конечен морален закон. Покрај критиката на идејата за "вечниот морал и правдина" на Диринг, Енгелс дава критика и на другите статични морални идеи, како "правдината" на **Пјер Прудон** (1809-1865) и "апсолутното право" на **Фердинанд Ласал** (1825-1864), иако двајцата биле исто така борци за работнички права, зашто моралистите, според Енгелс, создаваат крут морален израз (став, норма), кој го применуваат врз околностите што се менуваат.

Енгелс не сака да го одделува моралот од човекот во некоја изделена сушност. Тоа би значело претворање на предикатите во субјект, со што се обезличува и опредметува (реифицира) самиот човек. Според Енгелс, вистинскиот морал треба да направи од човекот сетилен, историски субјект со сите човечки својства (не некој апстрактен "друг"). За да се открие овој реален човек, **етичкиот метод треба да биде историски**, а вовед во етиката - историја на моралот (и тој пишува разни историски и историско-антрополошки дела).

Енгелс го критикува класичниот етички пристап затоа што реалноста ја изведува од претставата за неа. Таа оперира со "два човеци", ги лишува од нивната реалност, од нивните национални, економски и политички односи, од религиските ставови, половите и другите карактеристики - останува голиот поим "човек". Тоа е сениште, него го поместува како што милува оној којшто го замислил, а вештачките етички творби немаат реално значење. Енгелс ѝ префрла на етиката дека моралните феномени ги сфаќа изолирано, надвор од нивната општа поврзаност, не во движење, туку во мирување, не како живи, туку како "мртви". Своето учење (и она на Маркс) Енгелс го претставува како теорија на *развитокот*. Моралистите ги игнорираат реалните односи затоа што не го разбираат историскиот развиток. Научното мислење, според Енгелс, го следи постапниот пат на историјата на човештвото и ја покажува неговата внатрешна законитост. Енгелс **моралните појави ги разгледува едната зад**

**другата**, наместо пристапот на Џон Лок, кој моралните појави ги набљудува едната покрај другата. Историската и дијалектичка анализа открила дека **моралот е една од формите на општествената свест**, која на посебен начин ја изразува социјалната суштина (како што тоа го прават на свој начин и другите форми на општествената надградба - културата, јазикот, религијата, политиката, уметноста). За Енгелс, моралот е “материјалист“. Во односот спрема другиот, човекот се огласува со својата историска и социјална сушност. Ако спрема другиот се однесувам како спрема ствар, исто така и самиот себе се сметам за ствар, ако другиот и човештвото ми се поле за егоистички дејства, ако тие ми се средство, и јас самиот сум средство.

Значи, **моралот не е некаква независна духовна реалност**. Моралните норми се израз на социјалните дострели, тие се овие дострели изразени со морален јазик и дејства. Основа е економската структура на општеството, од која произлегува севкупната надградба - правните и политичките институции, религијата, философијата, моралот и другите претстави во секој определен историски период. Причините за нивните промени се менувањето на начинот на производството и на размената. Моралот како своевиден систем на односи е одраз на основниот општествен однос. Во него владее строга законитост, тој е животна реалност (проституцијата го изразува законот на проституирачките односи во општеството). Историската анализа открива дека **моралот е менлив**, но и дека **во секој морален систем владее строга законитост**, историска нормираност на односите. Се откриваат континуитетот и значењето на моралот, но не и неговата вечност. Императивот “Не кради!“ важи во неколку фази од општествениот развиток (а него Диринг го посочил како вечна морална вистина), но би немал вредност во општеството во кое нема подвижна приватна сопственост. Енгелс вели дека на ова “трајно“ етичко начело би му се смееле во она општество во кое би биле укинати мотивите за кражба. Енгелс инсистира: “Сите досегашни теории во последна инстанца се производ на економската положба на општеството во определената епоха“.

Тоа Енгелс го илустрира со актуелните негативни појави од конкуренцијата во сите сфери, што довело до длабока *деградација*: “Пред целиот свет ја обвинувам англиската буржоазија за убиства, грабежи и сите масовни злосторства“. Конкуренцијата во рамките на приватната сопственост се воспоставила како движечка сила на човештвото, “таа владее со неговиот морален развиток“. Природната состојба на животните, безмилосна борба за изедување, во капитализмот се претставува како врвен дострел на човечкиот прогрес. Како опозит, Енгелс приведува позитивни примери кај старите или неразвиените народи. Малку идеализирано (говорејќи наспроти деградацијата во раниот капитализам), тој кажува дека тие првични луѓе имале лично достоинство, искреност, сила на карактерот и храброст. Тоа го инспирира да укаже дека со рационално менување на општествената реалност може позитивно да се влијае врз меѓучовечките односи.

Посебна тема на Енгелс е **социјалната дихотомност на моралот**, неговата класност. Моралните односи ја изразуваат класната поделба во општеството - кај оние кои владеат, нормите ја оправдуваат владејачката позиција и нивните интереси; кај потлачените тие претставуваат отпор и бунт против власта. Затоа моралот често е лицемерен. Во таа епоха, на пример, во Америка се осудувале класните повластици, но се бранеле расните тенденции (врз кои многу се базирала американската економија).

Енгелс, заедно со Маркс, се трудел да не биде сладникав пропагандист на моралот. Барајќи општа животна промена (*револуција*), тие **не тврделе дека со**

**морални мерки може да се поправи општеството**. Тие не биле готови за улога на проповедници во пустината; тие за тоа ги обвинувале утопистите, за кои велеле дека просто морално грмотат. Енгелс тврдел дека научно е докажано оти од крупната индустрија е произведена беда, која ќе биде уништена токму од самата неа, што значи дека сите зла треба да му се припишат на општествениот систем и дека постојат средства злото целосно да се отстрани со новото општествено уредување. Разрешувањето на моралниот проблем зависи од укинувањето на старите и од воспоставувањето на нови општествени односи. Енгелс го даде својот императив: Секогаш и секаде, ослободување на работничката класа!

Енгелс директно кажал дека **нема да има слобода за луѓето додека не се ослободат жените** (тоа била тема во доцнежниот XIX век, и неа Енгелс најгорливо ја бранел - таа тема ќе се јави силно во 1920-тите и кон крајот на XX век). Исто така, велел дека слободниот морал ќе може да настане само тогаш кога ќе се загуби секаква подјарменост на луѓето. Квалитетот на моралот ќе зависи од степенот на хуманизирањето на човечките релации. Голем етички дострел на Енгелс е осудата на небрежноста на капиталистите спрема животната средина, недостојните услови за живеење на работниците и немилосрдната експлоатација на луѓето и на ресурсите - со што Енгелс посочува вовед во новата хуманистичка и еколошка етика.

За моралните односи во иднината Енгелс скромно кажал дека за тоа можат да се даваат само *јалови хипотези*. Тој го критикувал Диринга што сакал на идниот морал да му наметне божемски вечен морал, независен од времето и од реалните промени. Идното општество ќе се менува и ќе напредува. За новото ќе решаваат новите луѓе, тие **ќе создадат своја сопствена морална практика** и критериуми. Но, Енгелс навестувал дека би сакал да се случи нешто слично на односите што ги поттикнала колонијата на **Роберт Овен** (1771-1858) во САД, во која немало потреба од добродетелство и милосрдност, затоа што луѓето биле во околности достојни на човекот.

Такво нешто не се случи доследно во социјалистичките земји на источна Европа, кои по комунистичките револуции се развиваа според идеите на Сталин и на сличните авторитарни водачи. Иако Енгелс е прославуван како нивни “втор“ толкувач и инспиратор (Маркс беше првиот, Ленин третиот, а секоја земја си имаше свој специјален "четврти класик"), неговите интересни концепции и морални (хумани) пораки останаа да се проверат во иднината, во општествата во кои човекот нема да биде угнетено и понизено суштество.

Од многубројните членови на Интернационалата, пријатели на Енгелс, и од бројните негови соработници во работничката борба, па и од оние кои дојдоа потоа и направија разни разработки на прашањето на историчноста на нормите и дадоа различни придонеси за развивањето на марксистичката теорија и на револуционерната практика, ќе споменеме дека **Карл Кауцки** (1854-1938), кој во младоста бил секретар на Енгелс, автор на многу трудови за историјата на човештвото и на работничкото движење, има направено книга "Етиката и материјалистичкото разбирање на историјата" (1906), едно ретко дело, со оглед на тоа дека марксистите не пишуваа систематски за моралот, иако во "Комунистичкиот манифест" една од појдовните премиси е етичката критика на буржоаскиот морал. Во книгата Кауцки го поврзува марксизмот со дарвинизмот: "Моралниот закон не е ништо друго туку животински нагон". Но сепак во анализата ги вметнува класните погледи како основа за критиката на егоизмот и алтруизмот од социјално-историска гледна точка. Ја поддржува историската критика на нормите од Енгелс и вели: "Етичкиот идеал е посебно оружје за посебни односи во класната борба". Вториот постар германски марксист **Август**

**Бебел** (1840-1913) ќе го посочиме поради неговата мошне популарна книга "Жената и социјализмот" (1883), која е една од најмногу преведуваните и читани марксистички книги, во која покажува дека жените се подјармени суштества во современото општество и дека е нужна нивна еманципација. **Роза Луксембург** (1870-1919) од Полска, една од првите жени доктори на науки во светот, ќе стане идеален пропагатор на социјализмот со хуманистички карактеристики. Колку што е ревносна во одбраната на сложените позиции на Маркс и Енгелс во истражувањето на современите проблеми на капитализмот, таа ги критикуваше болшевиците што во советска Русија бавно ги реформираат државните процеси и што користат насилство и заведуваат диктатура ("на пролетаријатот"): "Слободата само за приврзаниците на власта, само за членовите на една партија - колку-годе тие да се бројни - не е никаква слобода. Слободата секогаш е само слобода за оној кој мисли поинаку... Дејството на слободата се загубува кога станува привилегија". Во јануари 1919 година е убиена од националистичките одреди во Берлин. **Александра Колонтај** (1872-1952) напиша критичка книга "Социјалните основи на женското прашање" (1909) за големите проблеми на животот на современата жена, која стана многу позната со поддршката на женските лични и сексуални слободи во таа хипократска епоха. Потоа таа стана прва европска жена министер во една влада (во првиот совет по Руската револуција), кога учествуваше во јавна полемика со Ленин околу прашањето на организацијата на новата држава, а како метод за отстранување (тоа уште не беа убиства) беше испратена во Шведска како прва жена амбасадор во модерната епоха. (Луксембург и Колонтај, заедно са другите познати жени ширум светот, кои се бореа истовремено и за женската еманципација и за правото на глас, се весници на еден *нов дух во етиката*, во која жените ќе играат голема улога).

Потоа во марксизмот-ленинизмот - како идеолошка одредница на таквите општества, кои опфаќаа половина од светот - се зборуваше многу за моралот, а не се гледаше што реално се случува во општеството (сепак **Милован Ѓилас**, 1911-1995, напиша најзначајна дисидентска книга "Нова класа", 1957, како продолжение на студијата "Анатомијата на еден морал", а Тито, иако Ѓилас беше еден од првите и најблиски Титови соработници, го стави во долг затвор, што го повторија и Титовите наследници). Всушност, во тие режими сé одеше кон деградација на животот, со психички трауми и, посебно, со еколошки катастрофи (како посебен негативен прилог од недоволно свесниот развиток). За моралот се зборуваше мошне декларативно (како и за демократијата), така што тие општества пропаднаа многу брзо, некои умно мирно, некои трагично конфликтно, кога дојде **моралната револуција** на младата генерација.

**Етички мисли од Фридрих Енгелс**

"Кога човештвото некогаш би дошло до тоа да оперира само со вечните вистини... би стасало до точката на која и реално и потенцијално би била исцрпена бесконечноста на интелектуалниот свет."

"Слободата на волјата не значи ништо друго освен способноста да можеме да донесуваме решенија врз основа на познавањето на нештата."

"Треба да го живееме животот, полниот живот."

# 65. Лав Толстој
# УЧИТЕЛ НА ЕТИКАТА



Обичните луѓе ја сакаат етиката, тоа е т.н. "*природна етика*", која извира од нормалниот човечки дух и разбирање на добрите односи помеѓу луѓето, а не етика која ги следи задолжителните Божји заповеди или која се гради врз строго научните објаснувања што е моралот и кои се најдобрите вредности, детално споредени со другите бројни вредности кои постојат. Но луѓето често се нервозни поради тешките животните околности, имаат чувство на крајна загрозеност од немањето работа и од недостигот на средства за живот, исплашени се од животните неизвесности, од потенцијалните болести и од власта, која обично не води сметка за несреќните суштества, а дури постојано им се заканува со насилство, кое и го користи за никој да не смее да се противставува и да се бунтува. Во таквите неотклониви тешки услови, а недоволно учени за да разберат што се случува и без шанси нешто да сменат, неразвиените луѓе, наместо меѓусебно да се поддржуваат и да им прават добро на другите бедни страдалници, најчесто сепак не се однесуваат етички, постапуваат грубо, пијат и нерационално го трошат и она малку што го имаат, насилништвото го сметаат за излез и си придаваат глупаво "самозначење" ако ги тепаат и повредуваат блиските и кого било од ближните. Тоа не ги оправдува овие духовни загубени суштества, но тие прават лошо; во денешната ера уште се зафаќаат и за дрога, од што следуваат сите негативни последици: самозалажување, лажење, губење на секоја моралност, крадење, убиства или самоубиства. Мнозинството обични луѓе не се такви, научиле и сознале нешто за моралот од дома, од посвесните луѓе околу нив, од училиштето, каде што сега одат сите, од љубовта која ја чувствуваат за некое блиско суштество, од грижата која во нив се раѓа за домот, од ретките поучни речи на најумните научници, кои понекогаш ги пренесуваат медиумите, од религиозните зборови што ќе ги чујат од совесните свештеници... Затоа сепак **обичните луѓе избегнуваат неморални дејства**, дури и органски почнуваат да прават морално сметање за тоа што е подобро за нив да прават.

Етичарите се често исто така обични луѓе, кои се само повеќе учени или сериозно размислувале за животот и за подобрите страни на доброто однесување, а за избегнувањето на злото. Тие веруваат во моралот и го препорачуваат на другите околу нив, објаснуваат кои се предностите на добрите наспроти лошите намисли и постапување, се вклучуваат во големата **река на етиката**, која тече низ светот откако човекот стана свесен за своите потреби и за своите обврски. Етичарите се посамосвесни од другите луѓе. Исто така и

локалните приказни и етнолозите укажуваат на бројните мудри личности кои ги има насекаде, кои од животното искуство или од талентот за размислување дошле до сознанија за добрините и несебично ги споделуваат со луѓето. Така се етичари и оние кои од свеста за вредноста на моралното однесување развиваат позитивни норми и ги пренесуваат на другите (сеедно дали ќе ги наречеме *моралисти*, или ќе им го признаеме статусот на *етичари* - за моралот тоа е исто, тие даваат придонес да се внимава на етиката и да се бранат нејзините норми).

А некои од етичарите се навистина **генијални**. Тоа се личности кои се исклучителни според човечките квалитети, умот и истакнувањето на етиката. Ги има во сите народи и епохи, што го покажува и оваа книга. Мнозината од претставените во книгава се такви етички генијалци. Тие особено ја сакаат етиката и настојчиво говорат и пишуваат за неа, се трудат да им ја објаснат на обичните луѓе нејзината смисла и неопходност, затоа што суштина на етиката е прифаќањето од обичните луѓе и спроведувањето на изложените морални начела во секојдневието. Етиката не се изградува за музеите, за изложување на некои шеми во необични форми, туку за дејства корисни за луѓето. Така етичарите, а особено истакнатите етички мислители, го заштитуваат добриот морал и го унапредуваат живеењето на луѓето, што е резултат од бранењето на моралните вредности и на исправното човечко поведение во согласност со нив.

Тоа од срце го правеле најголемите етички мислители - Буда, Лао Це, Конфуциј, Сократ, Исус Христос, Мухамед, светите Кирил и Методиј и свети Климент Охридски, Монтењ, Спиноза, Волтер, Кант, Ганди, Швајцер, Мајка Тереза... Тие го раздвижувале етичкиот дух кај луѓето, за да се здобијат со свест и со оправдување за добро дејствување, што им го предлагале овие најумни и најдобри луѓе на своите нации и на целиот свет. Една таква личност, инаку генијална и во својата посебна дејствена сфера, Лав Толстој, најпознатиот светски писател на времето, **тргна да развива светска етика**, со цел највредните морални нешта да станат придобивка на сите луѓе.

**Лав Толстој** е роден во 1928 година на семејниот имот Јасна Полјана во грофовско семејство, познато во сета огромна Русија. Родителите му умреле додека бил мал. Почнал да студира на Казанскиот универзитет (1844), но ги прекратил студиите и се вратил да живее на имотот. Станал офицер (1851), а во 1854-та учествувал во Кримската војна, подоцна во воените дејства на Кавказ - и ги замрази војувањето и секое насилство. Постапувал човечно со своите крепосници, а прв специјален хуманитарен гест му е основањето училиште на имотот за децата на селаните (1859); во Русија уште имало крепосништво, кое ќе биде укинато со царскиот декрет во 1861-та. Се жени со Софија Берс од Москва. Ја објавува книгата "Војна и мир" (1865-1869, во продолжение, во списание), која станува **најпознат светски роман**. Потоа го објавува романот "Ана Каренина" (1878), исто еден од светските хитови. Толстој станува познат и со својата **помош за страдалниците** - за жртвите од глад во Самара, а потоа и во другите краишта и во другите бројни катастрофални ситуации. Објавува книги "Азбука" и "Моја азбука", како училишни, работни и морални поуки за најмладите. Го унапредува работењето на имотот, каде се труди да создаде за селаните човечни услови за живеење. Постојано објавува нови раскази и поголеми творби, како "Смртта на Иван Илич", "Којцеровата соната", "Хаџи Мурат" и др., кои го прикажуваат неговото искуство, имагинација и разбирање на луѓето и на човечките состојби.

Почнува понагласено да ја **критикува нехуманата власт** и страдањето на народот. Некои раскази директно говорат за тоа ("Како живеат луѓето"). Цензурата сé почесто ги забранува неговите творби, драмата "Силата на мракот" ја поставуваат само во Париз (како што ќе се случува до скоро со

руските автори - Замјатин, Пастернак, Бродски, Солженицин.., кои своите дела ги објавуваат *самиздат*, или ги даваат *во странство*, или самите се селат далеку од дома). Цензурирана е и творбата на Толстој "Каква е мојата вера" ("Мојата религија"). Ги поддржува оние кои протестираат против неумереноста на власта и неслободите, како што е религиозната секта *духоборци* (кои, спасени од Русија, му имаат кренато во Канада паметник). Има сé повеќе судири во семејството, заради неговиот ангажман и духовна и материјална помош на страдалниците, студентите и револуционерите.

Толстој си зема задача **да помогне во етичкиот развој на народот и на целиот свет**. Го пишува познатиот роман "Воскресение" (1900), за обидот на еден млад благородник да се искупи за грешката која ја направил со уништување на млада бедна девојка. Се става на чело на народниот отпор и дава средства за помош на борците за слобода, противниците на царот. Во 1905-та, кога Русија беше во војна со Јапонија, напиша претстава "Размисли" како протест против војната. По поразот и избувнатата револуција, која е задушена во крв, јавно станува против насилството на власта ("крвава недела"). Има големи караници во семејството, кои само ги сакаат парите и го прекоруваат што ги дава за бездомниците и другите страдалници. Толстој на своите им ги остава авторските права од старите романи (кои се објавуваат во целиот свет и уште се меѓу најпопуларните светски книги), но вели дека хонорарите за новите творби ќе ги троши за етички цели. **Руската црква го екскомуницира** по критиката што ја упатува заради нејзината поддршка на погромите (гонењето и убивањето) на Евреите - недостојната мерка на анатема спрема најпознатиот и најхуман руски писател уште е на сила.

Во 1910 година стариот Толстој бега од дома по караницата со жена му. Интересна легенда е дека рекол дека ќе иде таму каде што го сакаат. Пред тоа во Бугарија, 50 км јужно од Бургас, во празните краишта во планината Странџа, од кои се иселија Турците, се населиле приврзаниците на *толстоевштината* (неговото учење за братството и споделувањето на животот) од цела Бугарија. Тие кај Приморско основале село Јасна Пољана, име на Толстоевиот имот, каде што живееле во братски услови, сиот имот бил заеднички, работеле заедно и делеле сé, издавале весник "Воскресение", за кого Толстој рекол "Тоа е единственото списание во светот кое наполно ги проповеда нашите идеи" (имало десеттина такви комуни; селото уште се вика така, но комунистичката власт во Бугарија по Втората светска војна ги затвори најактивните, а другите ги блокира со насилство - како што го гонеше и држеше во затвор најпознатиот претставник на следниот бран толстоевштина **Јордан Ковачев** (1895-1966), пратеник, со светски литературни врски, кој со својата група имаа купено место кај селото Мечкјор кај Пловдив и таму беа населени). Во Русија студело, 82-годишниот Толстој талкал по снегот сам, стигнал до железничката станица Астапово, каде умрел од пневмонија во присуство на илјадници од цела Русија, кои брзо се прибрале да му оддадат почит на најславниот писател и на најпрочуениот светски етичар на љубовта и ненасилството.

Како што вели Толстој, "никогаш нема сите да го пофалуват некој човек. Ако овој е добар, тој за никаквецот ќе биде лош, па ќе му се смее и ќе му префрла. Ако е зол, добрите нема да се согласуваат со него. Кога човекот би сакал сите да го пофалуваат, тој пред добрите би требало да се претставува добар, а пред лошите зол. И едните и другите би ја откриле таа мимикрија, па и овие и оние би го презирале. Има еден единствен начин - тоа е **да бидеш добар** и да не се грижиш за мислењето на другите, а наградата за својот живот да не ја бараш во човечкото мислење, туку *во себе*". Таа основна етичка концепција, да

се биде добар од себе и во согласност со себе, е извор и инспирација на Толстоевата етика. Уште млад запишал во дневникот: "Да бидам секогаш активен за духовна цел, да ги оценувам своите постапки врз начелото дека се добри само оние кои се стремат кон духовните цели".

Толстој и во романите расправа етички теми и го претставува моралот на личностите. Во"Војната и мирот", одделните ликови и целиот народ херојски му се противставуваат на Наполеон, во "Ана Каренина" говори за чувствителната тема љубов вон бракот, "Воскресението" е апологија на чувствувањето на грев и на обидот да се исправи личната грешка во еден разнебитен свет. Но, иако ова се големи етички романи (како и другите помалку обемни книги и раскази на Толстој), за современата етика се најбитни неговата етичка ориентација и амбицијата да ја создаде **Универзалната етика**.

Имено, за новата етика на човештвото е важен стремежот да се воспостави *еднаквост* помеѓу луѓето; потоа и нужноста да се изгради единство со Природата, во идејна форма на *биоцентризам*; потоа тешкото но успешно надминување на *ропството* и на *расизмот*; изедначувањето на *жените* со мажите; совладувањето на тешките *болести* и развитокот на грижата за *здравјето*; разбудувањето на *еколошката* свест и морални норми; обемниот опфат со *образованието*; подемот на општите и специјализираните човечки *знаења*; подобрените *услови* за живеење и за работа; надминувањето на сиромаштијата, меѓунационалната и меѓуверската *толеранција*... Во сите овие значајни денешни прашања може да е пронајде и придонесот на Толстој за нивното позитивно развивање. Но, посебно значење имаат неговите главни етички вредности **Љубов** и **Ненасилство**, кои го претставуваат како своевиден **етички патријарх** на модерната ера.

Толстој особено го цени Христа како личност која сé што направила сторила од љубов и која учела дека треба да ги сакаме сите. **Љубовта е најголема сила на постоењето**. Таа ни овозможува да забележиме дека живеат и други луѓе, а да бидеме свесни и за себе самите. "Вистинската вера е една, единствена: љубов кон сé во животот", така Толстој ги поврзува љубовта и верата: "Вистинската вера е да се живее живот со добрина, во хармонија, во љубов со сите, и со ближните да се постапува така како што би сакале тие да постапуваат спрема нас". Тој во романот "Воскресение" се подбива со давањето заклетва врз Евангелието, во кое инаку се забранува давање заклетва. За проблемот на љубовта изби конфликтот со Црквата - Толстој јавно им префрли на свештениците, како може тие, кои се службеници на **верата на љубовта**, на Богочовекот на љубовта, да одгледуваат омраза и да поттикнуваат на насилство. Тој одеше по Русија, масите го дочекуваа не само како нивни најучен човек, најголем писател и првенец во добротворството, туку како *учител на љубовта*, на најинтимните чувства помеѓу луѓето, на искреноста на душите и на меѓусебното помагање. (Потсетуваме дека големиот дански философ **Сорен Киркегор** (1813-1855), татко на егзистенцијализмот, и еден од највлијателните современи теолози, чии идеи за **религијата на љубовта** се основа на денешните бројни појави на новата хумана теологија, чии идеи произлегуваат од истакнувањето на улогата на љубовта во Христовото дејствување и мисли, напиша **Химна на Божјата љубов**, во која го опишува своето почитување за основните христијански духовни и етички пораки: "Како може да зборуваме за Љубовта ако Те забораваме Тебе, Боже на љубовта, од кого ни е сета љубов на земјата и на небото! Тебе кој сé исполнуваш со својата љубов! Тебе, кој си самата љубов. / Како би можеле да зборуваме за Љубовта ако Те заборавиме Тебе, кој нам си ни се објавил низ Љубовта, Тебе, кој си наш создател и учител,

Тебе, кој се жртвуваше за нас да нé спасеш! / Како би можеле да зборуваме за Љубовта ако Те заборавиме Тебе, Духу на љубовта, Тебе, кој ништо не земаш за себе, чија љубов сите верници ги научи да ги љубат своите ближни како самите себе!") Затоа и Толстој подучува: "Ако си разбрал дека најважното нешто во животот е љубовта, кога ќе сретнеш некој човек немој да мислиш само на тоа колкава корист би можел да ти донесе тој човек, туку каква корист ти би направил за него".

Втората базична етичка идеја на Толстој е **ненасилството**, која ја зема од индиските етичари, како и од Христос, кој никогаш никого не повредил и не помислил ништо лошо за никого. "Една од главните причини за човековата несреќа е погрешното разбирање, вели Толстој, дека некои луѓе имаат право, па дури и со насилство, да ги поправаат, менуваат и подредуваат животите на другите луѓе", кон што додава мошне мудро: "На човекот му е дадена власт само над самиот себе (Толстој не признава никаква друга власт над луѓето, а тоа му го забележуваат Царот и неговите дворјани - на кои Толстој им е рамен според благородничкиот ранг). Само сопствениот живот човекот може да си го подреди така како што смета дека за него е добро и потребно. Меѓутоа, речиси сите луѓе се обземени со тоа да ги подредуваат животите на другите, па поради тоа настојување да ги подредуваат животите на другите, и самите се потчинуваат на она подредување кое за нив го подготвуваат другите луѓе".

Толстој истакнува: "Чудно е што луѓето умеат да проникнат во меѓусебните релации на ѕвездите, но не и во меѓусебните односи со луѓето. Зошто е тоа така? - Затоа што луѓето продолжуваат да веруваат во корисноста на насилството". Толстој не е само опишувач и аналитичар на човечкото однесување, туку и борец за **промена на поведението**. Тој не говори за насилството само за да ги укори луѓето, туку ги учи и моли да си го сменат однесувањето и да не прават никакво насилство спрема другите. **Насилството е прв извор на сите човечки неволји**, тоа го умножува злото. Толстој го цитира Марко Аврелиј: "Чудо, човекот се бунтува против злото кое доаѓа однадвор, од другите..., а не се бори против сопственото зло, иако тоа е секогаш во негова власт". Јасна е Толстоевата етичка насоченост и функција против злото; злото е дело на човекот, којшто треба да се поправи, за да прави добро.

Понекогаш на луѓето им создаваат пречки природните и дејствените проблеми, Толстој и за нив има лек - тој помага со пари, со имот, со вклучување во акции, со измислување на корисни дејства за олеснување на животот на луѓето, особено на сиромашните, кои во Русија се постојано пред опасност од глад и од малтретирање од властите и од несмирените богати, кои се лути што е укинато крепостништвото, кога богатите-властелините можеле да раководат со "своите селани" без забелешка од некого и да ги продаваат, а парите да ги трошат на луксуз, патување во странство, пијанки, коцкање. Толстој ги брани ослободените, на сиромашните им помага здушно, и лично и со повикување на туѓа (и странска) помош, а насилствотото го осудува со најжестоки текстови, како Волтер во своето време. Со Толстој се допишуваат многу видни личности, тој е најпопуларен светски писател и неговиот глас се слуша низ целиот свет (што сака да го сокрие царската тајна полиција). Преписката меѓу Толстој и Махатма Ганди, кој му се јавува од Јужна Африка со своите проблеми, идеи и молби за комуницирање, исполнува 2 тома. Големиот индиски адвокат, кој израснуваше во водач на индискиот народ, истакнува дека ненасилството го презел од Толстој, иако и во индиската традиција (Џајна, Буда) на највисоко место се истакнува ненасилството. Ганди направи имот со име "Толстој", каде ги

прибираше страдалнците и бедните Индијци, кои беа гонети од разуларените белци и од официјалната дискриминација.

Толстој веруваше во **единството** на сите луѓе на светот: "Човек може да биде Австриец, Французин, Турчин или Кинез, но пред сѐ е човек, т.е. разумно суштество, чија единствена цел е да ја исполни својата човечка задача во кусото време што му е дадено да го проживее на овој свет. А таа задача е само една и многу определена - да ги сака сите луѓе". Од рускиот хуманист **Александар Херцен** (1812-1870) ја презема следната идеја: "Кога луѓето, наместо божемски да го спасуваат светот, би се спасувале себеси, наместо да го ослободуваат човештвото, би се ослободувале себеси, би направиле многу повеќе и за спасувањето на светот и за ослободувањето на човештвото". За тоа е нужна и *скромноста*, како и воздржаноста во разновидното однесување, што ќе ни овозможи *духовно збогатување*.

Толстој на сите им посочува дека животот е суштествено **сега**, во точката во која се спојува она што изминало и она што сѐ уште не дошло, вели дека во неа е целиот наш живот: "Времето не постои, постои само мигот; и во тој миг е сконцентрирано сето наше живеење. Затоа во тој единствен миг треба да ја вложиме сета наша енергија". За тоа е потребен и добар метод за лично усовршување: "Кога животот ни станува неподнослив, треба со кревање на свеста да се пробудиме за нов, повисок духовен живот... Духовниот напор и радоста за сознавањето на животот се сменуваат како телесниот труд и радоста од одморот". Тука спаѓа и забелешките дека треба да се свестиме дека стореното зло не може да се поправи, тогаш би биле во состојба да правиме повеќе добри, а помалку зли дела. Вистината е дека силата "не е во оној кој ги победува другите, туку во оној кој се победува самиот себеси".

Затоа Толстој сметаше дека најдобро ќе го запознае човештвото и ќе им помогне на луѓето ако ги проучи и присобере **најдобрите етички поуки** од сите народи и од сите светски моралисти. Таа голема *збирка*, кон која додаваше и *свои мисли*, ја нарече "Круг на читањето". Тие основни мисли за животот, верата и постапувањето ги подели во 30 поглавија по 12 групи, така што секој ден во текот на целата година секој може да се потсети што е најдобро и така да постапува. Тие собрани мисли ги објави како 30 книшки за посебно значајни прашања. Прво сите заедно ги нарекуваше "Мисли за животот", а потоа го стави насловот "Пат во живот", како **упатства за вистинско правилно размислување и дејствување**. Темите се важни животни аспекти, позитивни вредности и негативни ориентации: За верата; Бог; Душа; Една е душата во сите; Љубов; Гревови; Изобилство, Похота; Мрзеливост: Користољубие; Гнев; Горделивост; Нееднаквост; Насилство, Казна; Славољубивост; Лажни вери; Лажна наука; Напор; Животот е сега; Воздржување; Збор; Мисла; Самооткажување; Понизност; Вистинитост; Зло; Смрт; По смртта; Животот е добар. - Сите овие теми и мисли сочинуваат не само паноптикум од блескави етички ставови, туку **енциклопедија на светската етичката мудрост**.

На почетокот на книгата "Пат во живот", Толстој стави: "Мислите, присобрани овдека, припаѓаат на најразновидни автори, почнувајќи од браминската, конфуцијанската, будистичката литература, сѐ до евангелијата, апостолските посланија и на многу, многу, како древни, така и нови мислители... Најдобрите од тие мисли не ми припаѓаат мене, туку на најголемите мудреци на светот". Оваа ретка книга е вистински вовед и во замислата и создавањето на **Универзалната етика**, како јадро на сиот етички ум и плод на етичките замисли од сите времиња, од сите народи и од најумните глави на човештвото. Од друга страна, пак, токму вредностите Љубов и Ненасилство, заедно со Верата, Мирот,

Солидарноста, Правдината, Грижата за бедните, се основата за светската доверба во етичките зборови на Толстој, кого најзначајните современи етичари го посочуваат како свој учител и инспиратор: Махатма Ганди, д-р Алберт Швајцер, професорот Ерих Фром, Мајка Тереза. д-р Мартин Лутер Кинг и др.

Идеалистот Толстој вели дека луѓето треба да научат да постапуваат разумно: "Овој безумен живот, кој е спротивен на учењата на најдобрите луѓе на сите времиња, може да се објасни единствено со тоа што младите генерации учат многубројни тешки предмети..., а не го учат тоа што на сите и секогаш им е потребно: што е смислата на животот, како правилно да го проживееме, што мислеле за тоа и како тоа прашање го решавале најмудрите луѓе на сите векови". Од безбројните поуки од Лав Толстој, од кои може да се разбере зошто него го сметаат за највлијателен етички учител на денешницата, еве уште една: "Ако сакаш да бидеш мудар, научи паметно да прашуваш, внимателно да слушаш, мирно да одговараш и да застанеш кога ќе немаш веќе што да кажеш".

**Етички мисли на Лав Толстој**

"За да поживее среќно, човекот треба да знае што треба и што не треба да прави. А за да го сознае тоа, потребна му е вера. Верата го означува сознанието што е човекот и каква е суштината на неговото постоење на овој свет."

"Верата кај различни луѓе и во разни времиња може да биде различна, но љубовта во сите нас и насекаде е една и иста."

"Додека не сознаеме што е во нас, каква корист имаме ако знаеме што е надвор од нас? И дали воопшто е можно да го сознаеме светот ако не сме се сознале себеси? Може ли да биде видовит на гости оној кој е слеп дома?"

"Заповедта *Не убивај!* не се однесува само на човекот, туку и на сé што е живо. Таа заповед била запишана во срцето на човекот уште пред да биде испишана на камената плоча (т.е. Шестата Божја заповед)."

"Колку на човекот му се помали потребите, толку животот му е посреќен."

"Уживањата на богатите се базираат врз солзите на сиромашните."

# 66. Анри Динан

## ПОМОШ ЗА СТРАДАЛНИЦИТЕ



Во современиот свет има низа **нови етички пројави**, кои сведочат за напредувањето на етичката свест кај луѓето, за создавањето атмосфера за помош на страдалниците, за присобирањето и заедничко дејствување на сите заинтересирани за помагање на оние кои имаат потреба од нешто сериозно. Ова унапредување на *добрата волја* како разбирање и желба за (подобро) етичко однесување означува дека се поправаат моралните чувства кај современите луѓе, дека се искористуваат побогатите материјални ресурси и зголемените човечки потенцијали за совладување на многу тешкотии - како на оние луѓе кои имаат маки, а исто така на сите луѓе заедно, кои сочувствуваат со сите страдалници и секако сакаат да им помогнат.

За добрината и за разбирањето на ближниот се говори илјадници години, тоа е прва тема на Исус Христос и на многуте етичари и добри луѓе, кои советуваат да се освестиме, да ги сакаме луѓето и да им помагаме. Мнозина етичари објаснија дека човекот е добро суштество (наспроти човекомрасците и криминално настроените, кои постапуваат како Атила и Хитлер, со омраза кон секого и со заповед за убивање на секого). Но добрината бара да се потврди, а тоа најдобро ќе се направи не само со коректни односи со блиските, со почитување на другите, со соработка со секого, туку особено со давање *помош* на оние на кои таа им е неопходна. А многу луѓе на светот пекаат за помош - болни се или имаат тешкотии во развојот, бедни се до плачење и исплашени од животот и иднината, немаат вода, ни храна, ни дом, ни облека, им треба разбирање и поткрепа за учењето, за комуникацијата, за избегнувањето на нападите и за спасување од насилство и убиство. **Речиси на секој човек му е потребна помош од луѓето**. И порано луѓето тоа го знаеја, и колку можеа си помагале едните на другите, но реално немаа сили ни можност да се обединат да им се најдат на другите, денес имаме поинакви чувства и сили, сакаме да им помогнеме на сите, со сите да се зближиме.

Тоа **поврзување на сите** е нов фактор на сечовечкото живеење. Тоа е новина во нашата епоха и **ново дело на етиката**. Кога за некои стари споменуваме дека се чувствувале *космополити*, "жители на светот", тоа некогаш одамна било чудно и морално исклучително доблесно; сега сите сме жители на "глобалното село", сите сме среде глобализацијата. Се запознавме подобро од кога било порано, врските нé прават блиски во сознанијата и ставовите, секој ден се гледаме меѓусебно на екраните и ги слушаме вестите за целиот свет, кај сите расте чувството не само за *еднаквоста*, што е основен услов за современото живеење и поврзување, туку и се исполнуваме со *братски* сензибилитет, кој ќе нé доближи и поврзе. Иако сме различни и далечни, тие диференцијации не играат повеќе тешка улога на разделување и омраза. А многу е важно што **се создаваат институции**, интернационални *мрежи*, кои сите човечки определби, намери и мисли ги сплотуваат за давање помош, за реагирање како едни пред тешкотиите. **Солидарноста** ќе се крене на врвот на новите човечки вредности, заедно со Мирот, Соработката, Разбирањето, Пријателството, Жртвувањето за другиот... Првата таква ефикасна меѓународна институција создаде Анри Динан.

Швајцарскиот добротвор **Жан-Анри Динан** е роден во Женева во 1828 година во богато семејство, татко му бил политичар и бизнисмен, мајка му потекнувала од бележито семејство. Родителите му биле длабоко религиозни, помагале во социјалните активности. Младиот Анри често ги придружувал кога раздавале храна на бедните или посетувале болни во болниците или затвореници (како што гласат христијанските препораки). И тој бил нагласено сочувствителен. По битката кај Солферино (1859), каде загинаа 40.000 војници, организирал доброволна акција со населението од околните места да им се помогне на австриските и француските ранети, кои умирале жедни, без помош. Своите впечатоци за страдањето и за доброволната помош ги опишал во книгата "Спомен за Солферино" (1862), која одекнала низ цела Европа. Истата година предложил да се основаат во сите земји центри на доброволци за давање помош на ранетите војници. Истовремено иницирал да се склучат меѓународни спогодби за заемно помагање во оваа благородна дејност, која ќе спаси илјадници животи. Пишува: "Секојдневно се изнаоѓаат нови страшни методи за уривање, со постојаност која е подостојна за некоја друга цел... На пронаоѓачите на тие орудија им аплаудираат во мнозинството европски земји, вовлечени во трката за вооружување... Зошто времето на релативниот мир и спокој да не се искористи за истражување и за обид да се реши тој проблем, толку бескрајно важен за целиот свет?!"

Во 1863 година во Женева е одржана конференција и основан одбор за да се реализираат идеите на Анри Динан. Формирани се првите организации **Црвен крст**. Во 1864 година биле прифатени конвенциите и оттогаш се смета дека фунционира оваа најблагородна светска организација.

Таа денес, со седиште во Женева, носи официјално име **Интернационално движење на Црвениот крст и на Црвената полумесечина**. Има преку 150 земји членки. Седиштето на Комитетот е во Женева. Секоја земја има своја организација, така и секој град (во Скопје таа е во познатата месност во центарот "Црвен крст"), а во училиштата има ограноци на младите, кои се учат на хуманоста и се подготвуваат да ја преземат и развијат својата организација кога ќе станат возрасни. Сите треба да го сакаат и почитуваат Црвениот крст, никој не престанува да верува во Црвениот крст, зашто тој има реализирано безброј неопходни дејства. Според прекрасната идеја на Анри Динан, точно 150 години откако е воспоставен, Црвениот крст реално им помага на сите страдалници во светот. Потоа Динан се повлече од јавниот живот. Го пронашле во некој старечки дом. Носител е на првата Нобелова награда за мир (1901), оттогаш многуте активисти ја добиле оваа највисока светска награда, а самиот Црвен крст 3 пати (1917, 1944 и 1963). Динан почина почитуван во целиот свет во 1910 година. Денот кога е роден 8 мај е прогласен за меѓународен Ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Откако е формиран, Црвениот крст постојано ги проширува своите дејства, не само во интензитетот, туку и во полињата каде што дејствуваат волонтерите. Првин само им е помагано на ранетите на боиштата. Потоа почна да им се помага на воените заробеници и во нивните контакти со своите дома, како и на домашните со своите заробени во другите земји. Истовремено започна и со помагање на цивилните страдалници од војните. Природните катастрофи носат голем број жртви и ранети, па и тамо почна да работи Црвениот крст. Сите овие неопходни дејства, етички во сушноста, му носат на Црвениот крст *углед*, што растеше заедно со надежта на луѓето дека има некој организиран кој и во најтешкото ќе им помогне.

По Првата светска војна, Црвениот крст започна да презема и здравствени, социјални и воспитни задачи за време на мирот. Негови членови се речиси сите лекари и здравствени сестри; дури и ако не се формално вклучени, тие секогаш дејствено се на услуга, па помагаат за здравјето. Црвениот крст се бори и за подобрување на социјалната положба на населението. Основната цел е: **намалување на човечките страдања** и заштита на животите и на здравјето. Црвениот крст има и високи хумани задачи да обезбеди почитување на човечките суштества, да ја шири идејата на солидарноста како заемопомош и, особено, да воспитува за волонтерско ангажирање за помагање на луѓето. Со тоа Црвениот крст непосредно го помага **мирот** и неговото воспоставување и чување. Тој се заложува и за намалување на трката во вооружувањето и организира конференции за забрана на нехумани воени средства и на претерано уништување.

Црвениот крст е составен од националните друштва на Црвениот крст и на Црвената полумесечина, има Интернационален комитет (составен изворно од Швајцарци), кој работи на заштита на жртвите од војната. Лигата на националните друштва е нивна федерација (од 1919), која дејствува на мирнодопските задачи. Меѓународната конференција, секои 4 години, ги разгледува актуелните задачи и ги усовршува женевските конвенции за помош на жртвите од војната. Ова движење во својата работа ги следи основните начела на Хуманоста, Непристрасноста, Неутралноста, Независноста, Доброволноста, Единството и Универзалноста. Негов знак се *црвен крст* (всушност, пресвртени бои на швајцарското знаме) или црвена месечина на бело поле, неговите знамиња, активисти и дејства уживаат имунитет кај завојуваните страни.

Посебна задача на Црвениот крст, како најстара и водечка хуманитарна и волонтерска организација, е да ја унапредува идејата за добродетелноста кај населението, посебно кај *младите*, со цел да се развие хуманизмот, заемноста и солидарноста. Со тоа се подобруваат и етичките односи во општеството, хуманизацијата, моралното однесување и почитувањето на сите луѓе, без оглед на полот, возраста, верата, расата, образованието и социјалниот статус. Анри Динан добро ги оцени човечките потреби и цивилизацискиот развиток и врз една идеалистичка концепција поттикна создавање на една реална врвна волонтерска организација, која соодветствува на **новите етички разбирања и визии на човештвото**.

Дека идеите на Анри Динан не беа единствени во новата епоха, покажува и иницијативата и работата на **Флоренс Најтингејл** (1820-1910), најпознатата медицинска сестра на сите времиња. Родена во богато англиско семејство, учи дома под назор на татка си. Но не мисли да го помине животот само во трошење и во лекомислени забави. Во 17-та година во дневникот запишува: "Чув Божјиот глас да ме повикува да му служам". Кога на семејството рекла дека ќе биде медицинска сестра, сите биле фрапирани. Тогаш болниците биле валкани и опасни установи, како сестри работеле жени од најдолен слој. Но Флоренс била упорна, од 1845 година почнала да оди по болниците и да собира информации. Кога во 1851-та била со семејството во Германија, побарала дозвола да учи во Протестантскиот сестрински институт. Две години подоцна ја именувале во Лондон за директорка на Установата за жени во тешка материјална состојба. Создала угледен објект (чистотата била примерна, ставени се ѕвончиња да може да се повика персоналот, служавките тивко разнесувале храна по одделенијата, имало топла вода). Сестрите ги учела на професионални постапки и на морално поведение. Сакала да привлече жени од повисоките кругови. Идната година се

случи пресвртот. Имено, Британија влезе во **Кримската војна** (со Франција и Турција против Русија), каде има голем број ранети. Состојбите се критични, нема здравствена помош ни материјали, ранетите умираат. Воениот министер, пријател на Најтингеловците, ја поканува Флоренс да иде да помогне. Таа со доброволните болничарки им помага на лекарите во британската болница во Скутари. Лекарите дури одбиваат да работат со нив, но под напливот на големиот број ранети ги прифаќаат. Брзо и вешто Флоренс организира помош и 12.000 ранети се спасени, дури и без доволно материјал. Самата се разболува од сите заразни болести кои се појавиле, но издржува, ги проширува медицинскиот простор и активности и успева. Кога по 2 години војната е завршена, во Англија ја дочекуваат како национален херој. "Се роди нов лик - *медицинска сестра*. Мис Најтингејл ги научи никогаш повеќе претставата за медицинска сестра да ја мешаат со пијана проститутка - таа направи вистинска револуција среде валканоста и калта, среде агонијата и поразите". Но таа не се појавува на јавни места. Следните 16 години само работи на реформата на медицинските услуги и на организацијата на јавното здравство (во таа епоха се развиваат и новите методи во хирургијата, се откриваат причинителите на заразните болести и вакцини за нив и започнува остар курс на хигиена во болниците). Таа отвори сестринско училиште "Најтингејл" и дом за практика на сестрите во болницата "Св. Томас" во Лондон. Како прва жена доби орден за специјални заслуги. Ја нарекуваа "Дама со лампата", бидејќи сестрите работат и во текот на ноќта. Таа е една од гласниците на модерната етика на грижата за човекот.

Уште една жена му има дадено многу на човештвото за подобрување на состојбата на страдалниците. Тоа е **Хелен Келер** (1880-1968), која го победи затворениот сетилен свет и ги поттикна акциите за помош на слепите и глувите. Таа прво се совлада себеси, а потоа го покажа патот за помош и на другите. Останала слепа и глува на 7 месеци по боледување од шарлах. "Бев како фантом, живеев во некаков ничиј свет... Немав ниту волја ниту интелект". Не можеше да зборува и родителите не знаеја како да комуницираат со неа. Им советувале да ја дадат во дом, бидејќи е неразвиена во умот и на луѓето им е непријатно да ја гледаат. Но родителите не се предаваат, според советот на пријателот Александар Греам Бел (пронаоѓач на телефонот), побараа учител од познатото училиште за слепи од Бостон "Перкинс". Во 1887-та пристигна младата Ен Саливен, која ќе се прослави со својата учителска дејност. Самата била полуслепа и живеела во прифатилиште; на 14-та година стигнала во "Перкинс", полудива, каква што беше и Хелен кога Ен дошла кај Келеровите. Ен ја гледа Хелен како мајка, пред сé решава да не го крши нејзиниот дух. Дава на Хелен разни предмети и ги кажува нивните имиња, таа не разбира и се опира, сé додека еден ден кога почувствува вода како тече и неколку пати го чу зборот "вода" не стана свесна за што станува збор. Оттогаш ја тера Ен да ги кажува имињата на предметите што í ги дава. Започна и да чете со азбуката на Французинот **Луј Брај** (1809-1952), кој и самиот слеп, учител во Училиштето за слепи измисли азбука со дупчести знаци, која се користи во целиот свет. Хелен учи и да пишува. Ен ги подучува на азбука со прсти и родителите и сестрата на Хелен за да можат да комуницираат со неа. Иако на Ен видот í станува полош и сака да се откаже, на молба од прочуениот писател Марк Твен, пријател на семејството, кој Хелен и Ен ги нарекува две половини од едно цело, почнуваат заедно да одат на училиште за глуви. Марк Твен собра пари за школување на Хелен на прочуениот колеџ "Ретклиф", каде покрај Хелен на сите часови седи и Ен и í преведува со јазикот на прстите. Во 1904-та Хелен го заврши факултетот со одличен успех. Двете почнуваат да живеат заедно. Хелен ја напишува првата

книга "Историја на мојот живот", која стана позната, а Ен се мажи за уредникот на изданието. Одат низ САД и држат предавања за положбата и проблемите на инвалидите, специјално на слепите; на предавањата ги демонстрираат методите како се обучувала Хелен. Кон нив се придружува Поли Томсон, која останува со Хелен 45 години. Ема умира во 1936 година. Хелен стана светски прочуена. Ја примаат највисоките личности. Основа фонд за помош на слепите, во светот почнува да се води повеќе грижа за нив. Создаде уште неколку познати книги "Светот во кој живеам", "Надвор од темнината" и др. За Ен таа напиша: "Таа со љубовта разбуди во мене талент, стремежи и радости".

Грижа за болните и страдалниците покажаа во современиот свет уште многу вредни личности, меѓу кои се истакнуваат **д-р Алберт Швајцер** (1875-1962) и **Мајка Тереза** (1910-1997), двајцата добитници на Нобеловата награда за мир (1952, 1979), кои служат како врвни етички примери за целиот свет (за двајцата има посебни текстови во книгава).

Науката и практиката **дефектологија** станаа **значајна** и **развиена** во современата епоха. Порано инвалидите од секој вид многу се мачеа, а луѓето ги избегнуваа, често ги отфрлуваа или се срамеа од нив. Добрите личности успеаја на светот да му објаснат дека и повредените, лицата со посебни потреби, оние со пречки во развојот, луѓето со повредени сетила, ментално болните се *исти во човечка смисла* со другите луѓе. Како што не треба да се двојат робовите или жените и сиромашните да се сметаат за подолни суштества, така и инвалидите треба да се примаат срдечно и сиот светски ум и знаење треба да се искористат да им се помогне. Кај нас професорот **д-р Љупчо Ајдински** како експерт, висок државен службеник и организатор на Институтот за дефектологија има направено многу со своите колеги и соработници за развивањето на дефектологијата. Не смееме да заборавиме дека 11-13% од населението има вакви тешкотии; во развиените земји повеќе се вложува за справување со проблемите, во понеразвиените проблемите се поголеми, но важно е дека во свеста сите веќе ги разбираме маките на инвалидите и готови сме да им помогнеме, а поумните општества повеќе се ангажираат во оваа благородна активност, зашто со тоа истовремено се крева и нивото на етиката во општеството. (Јас напишав студија "Етичките димензии на дефектолошката професија", која е преведена во неколку земји, во која ја објаснувам **особената етика на оваа педагошко-медицинска дејност**, во која - и не очекувајќи брз и непосреден успех - стручњаците се вложуваат да им помогнат на инвалидите од морални причини; тоа е најубава слика на **емпатијата**, како нов вид развиено чувство за страдањето на другиот, без очекување на возвратна награда или дури и признателност).

**Светската здравствена организација** (WHO) е најопфатен сојуз на заинтересираните за здравјето на луѓето на светот. Основана е во 1945 година заедно со основањето на Организацијата на обединетите нации во Сан Франциско. Од тоа се гледа дека денешниот свет дава приоритет на проблемите со здравјето. Целта на организацијата е да се постигне највисок можен степен на здравјето. Таа ги насочува и координира акциите на полето на здравјето во сите земји и краишта на светот, информира за појавените болести и добива брзи информации од сите во светот за болестите и за пројавените проблеми, се грижи за унапредување на знаењата на докторите и на другиот медицински персонал, го унифицира медицинското образование и сознанија и помага таму каде до нив потешко се доаѓа, ја стандардизира медицинската дијагностика, посебно се грижи за искоренување на епидемиите, ендемиите, пандемиите и воопшто на заразните болести (па така многу од катастрофалните болести се или

искоренети или се под контрола), воспоставува линкови за постојана и брза комуникација со сите доктори и медицински служби, кои добиваат информации за новите лекови и методи на лекување, ги зголемува стандардите на медицинската практика и на фармацевтските производи, итн. СЗО објавува книги и билтени за здравјето и за посебните методи на лечење, организира конференции за размена на искуствата, советува поддршка за научни истражувања и изработка на лекови и вакцини (за кои, кога е брзо потребно, и самата се ангажира), помага одржување на медицински конгреси, советувања, семинари, обуки, а за неразвиените земји доделува апарати и испраќа лекари за обучување. Соработува со другите светски и регионални организации за подобрување на здравјето, животните услови, исхраната, одморот. Центарот е во Женева, а постојат 6 регионални центри-организации за одделните континенти. Тоа е најактивната и најприсутна светска организација во секое место во светот каде што има лекар. Истовремено е центар за развиток на **медицинската етика** - помогна за донесување на новата верзија на **Хипократовата заклетва** и на **Хелсиншката декларација за етика во научните истражувања** (како продолжеток на *Нирнбершкаша декларација*, со која се осудени неетичките постапки на нацистите во медицинските истражувања). Денес медицината, најважната човечка наука, има најголеми средства од сите науки за научни испитувања и за развиток на комуникацијата помеѓу медицинските организации и лекарите. Нема лекар кој не е вклучен во системот и работата на СЗО. Некои медицинари учествуваат и во акцијата **Лекари без граници**, каде лекарите и сестрите од развиените земји заминуваат на престој во неразвиените земји, каде што има потреба од лекарски персонал.

Другиот раширен светски сојуз е **Меѓународната организација на трудот** (ILO). По Првата светска војна (1919), поврзано со Версајската мировна конференција, решено е да се организира посебна комисија за работното законодавство, која ќе помогне за **унифицирање на работните закони** секаде во светот. Тоа е единствената меѓународна установа, приклучена кон претходното Друштво на народите, која остана и по Втората светска војна. Во организацијата на трудот рамноправно учествуваат претставници од синдикатите, владите и работодавачите. Седиштето е во Женева. Таа го усогласува работното време и максималната дневна и неделна работна активност, се грижи за приливот на работниците и намалувањето на невработеноста, за определувањето на справедлива надница, достатна за живот (што е едно од темелните права од *Универзалнаша декларација за човековиште права* на ООН од 1948-та, заедно со правото на работа), заштитата на работниците при работата, како и за нивното здравје и сигурност воопшто, дава помош на работниците во странство, поддршка на принципот на здружувањето, како и на организирањето на стручното и техничкото образование на работниците. Од современите прашања организацијата се занимава со проблемите на производноста на трудот, со односите на вработените и управата, со присилните форми на трудот и со новите **неетички форми** како **морално тормозење** и **мобинг**.

**Обединетите нации** како најзначајна светска организација има постојани *ешички обврски* - првин, чување на мирот, усогласување помеѓу земјите-членки и помагање на животот и развојот на земјите кои се наоѓаат во војна или во катастрофална положба. Кога е основана (1945), првите зборови во нејзината декларација беа дека **војните започнуваат во главата на луѓето**, треба да сториме да не се појавуваат такви идеи и намери. ООН има организирано низа агенции кои им даваат значајна помош на народите - **Организацијата за развој и напредување** (UNDP) е активна и кај нас; по Скопскиот земјотрес помогна да се

изгради коритото на реката Вардар, за што се мислеше дека влијаеше на земјотресот; сега помага за образовните и за социјалните цели; **Фондот за земјоделие и храна** (FAO) помага при немањето доволно храна за населението, како и во организирањето на производството на храна, обезбедувањето вода, стручното усовршување и сл.; **Детскиот фонд за нужни потреби** (UNICEF), основан во 1946 година, за помош на децата во земјите настрадани од војната, од 1950 година помага на сите деца кои немаат стабилно сместување и исхрана, во решавањето на нивните здравствени проблеми, воспитување и стручна едукација; **Светската организација за образование, наука и култура** (UNESCO) е основана во 1946 година на иницијатива на неколку најпознати философи за ширење на највредните човечки сознанија и за изградба **култура на мирот**; основните задачи се обезбедување на масовно образование, намалува на бројот на неписмените во светот, помагање на научни истражувања од интерес за целиот свет, помагање да се избегнуваат расни и културни судири, заштита на културното и на природното наследство (правење листа на светски вредности), активност за меѓусобно запознавање и почитување на културните вредности, запознавање и зближување на Истокот и Западот, слобода на информирањето. УНЕСКО изработи во 1960-тите **прва светска заедничка историја на човештвото** во 6 тома (20 книги). Одделот на УНЕСКО за философија даде препорака сите млади да учат Философија као најдобар вовед во *демократското размислување* (дури се препорачува и учење философија во основното образование); кон тој оддел е развиено истражување и пропаганда на Етиката (па се викаше оддел за философија и етика), но, со оглед на подемот на етичките потреби на човештвото, сега се вика **Оддел за етика и философија** - се грижи за воведување на **Етичко образование** на сите млади во сите земји на светот (за што и ние водиме акција), што ќе овозможи добар морален *развој на секоја индивидуа* во светот. УНЕСКО настојува да се развива **Универзална етика** на човештвото како *единствен морален систем* со најдобри вредности и норми од сите народи, епохи и големи мислители - а оваа книга е токму прилог кон таа акција на УНЕСКО, чии членови-соработници сме сите ние кои работиме во културата, образованието и науката.

**Мисли за етиката на помагање**

"Ако сите држави се обединат и работат според својата совест, тогаш војните лесно ќе се преодвратат." (Анри Динан)

"Чудно е кога првото барање од болницата е ништо да не му се случи на болниот." (Флоренс Најтингејл)

"Рехабилитацијата е мултидисциплинарен пристап кон инвалидното лице со цел да се задоволат неговите физички, психички, образовни и стручни потреби. помагајќи му да води што посамостоен живот во границите на инвалидитетот, при што се користат, колку што е можно повеќе, неговите преостанати способности." (Светска здравствена организација)

"Мојот оптимизам не се базира на негирањето на злото, туку на ведрото верување дека превладува доброто, како и на силната волја секогаш да работам раководена од доброто." (Хелен Келер)

"Песимизмот ја убива во луѓето желбата да се борат против сиромаштијата, незнаењето и злосторствата и ги суши сите врутоци на радоста во светот." (Хелен Келер)

"Етиката е единствениот компас кој светот го води кон вистински пат." (Проф. Федерико Мајор, директор на УНЕСКО)

# 67. Григор Прличев
# ПОМЕЃУ МИНАТОТО И НАДЕЖНАТА ИДНИНА



Секој народ мора да мине низ секоја етапа на човечкиот развиток. Не мора секој на ист начин да ги доживее историските предизвици, а основните страдања да му дојдат на сличен начин, некои порано ќе се здобијат со држава и културно ќе напредуваат, некои во друго време ќе доживеат научна ориентација и технички и индустриски прогрес, некои ќе се развиваат побавно поради недостиг на знаења, тешкотии во опстојбата и малите ресурси - но секој народ ќе дојде до нивото на коешто може рамноправно да се споредува со другите народи. Ако ја погледнеме цивилизацијата, сите дострели не им се случувале истовремено на сите народи, но сите некако стигнале до слична положба и до исто разбирање на човечкото живеење.

Во нашиот дел од историјата, така е особено со **Просветителството**, кое, како сите полезни човечки нешта, има стари корени, но неговите модерни етички корифеи се истакнаа во последните три столетија - сé до денес, кога тоа повторно е мошне актуелно. Просветителството на Арапите се случило по освојувањето на источниот и на јужниот Медитеран и по средбата са индиските математички и астрономски знаења и со хеленските логички, метафизички и етички книги. Во истата епоха светите Кирил и Методиј со своите соработници настојчиво ја обиколуваа средната Европа и на словенските народи им всадуваа високи културни дострели на културата, правото и моралот, а по нив нашиот главен просветител свети Климент Охридски во Охрид создаде македонско духовно средиште и направи прв Универзитет. Големото просветителство на Византија се случи малку пред западноевропската Ренесанса, а сознајните дискусии се плетеа околу влијанието на античките идеи врз модерниот развој и се водеше духовна расправа околу мистичкиот или рационалниот пристап кон верата и Бога. Италијанската и другите западноевропски Ренесанси беа радосна ера на отворање на сетилата и сензибилноста за земните и небеските убавини, на новите научни методи и сознанија, се поттикнуваа патувања по океаните и откривање на новите светови. А прочуеното западно Просветителство, коешто насекаде како своја програма ќе донесе **силно будење на духот, општа писменост и одбрана на човечкото достоинство, идеја за општи слободи и за право на развиток**, настапи во 18-тиот век со големите мислители, кои го развиорија знамето на човечкото напредување - по огромните откритија на рационалистите, на новите егзактни научници и на енергичните и одлични педагози.

Мислителите во таа епоха, од Европа до Јапонија, од Америка до Турција сметаа дека нивна должност, слатка страст е да ја помогнат духовната егзистенција на својот народ и на целото човештво и со својот пристап и дела да ја развиваат свеста и самосвеста на секој човек. За тоа помагаше и општото школување како средство на воспитувањето, дури и ако уште некој се думал дали нужноста на прогресот е обврска на луѓето и на нацијата. Нашите просветители се наречени **преродбеници**, во чест на ренесансата на писменоста која цутела под светите

Климент и Наум Охридски и останалите вредни стари просветители, препишувачи на дела и чудесни учители во бројните средновековни македонски манастири (Св. Јоаким Осоговски, Св. Прохор Пчински, Св. Јован Рилски и др.). Помеѓу нив се истакна Григор Прличев, голем љубител на учeноста и класиката и прв македонски модерен писател со светски углед и современ моралист.

**Григор Прличев** е роден во 1830 година во занаетчиско семејство во Охрид, центарот на македонската вера и класична ученост, во која името и славата на свети Климент Охридски, како и на Седумчислениците (светите Кирил и Методиј и нивните 5 прочуени ученици), нема никогаш да зајде, а нивниот групен портрет (кој е и на нашата насловна страна) ќе ги восхитува луѓето на влезот во манастирот Свети Наум, прв македонски манастир и болница истовремено, која ја изгради и ја остави како завет свети Наум, еден од највредните ученици на светите браќа словенски просветители.

И пред Прличев во епохата на нашето националното будење, по неколкувековното турско ропство, со општ упадок на културата и на економијата, покрај националноослободителните борци по шумите, имаше борци за **културно напредување**, што умно ќе го препорачаат како национална задача и нашите подоцнежни национални водачи **Гоце Делчев** (1872-1903), **Јане Сандански** (1872-1915), **Ѓорче Петров** (1765-1921), **Кочо Рацин** (1908-1943) и др.

**Јоаким Крчовски** (средина на 18-иот век - 1820) бил **народен учител-будител**, како тогаш ги нарекувале оние кои ги учеле младите со подучување и со морални текстови, како барометри на народното однесување. Во една оценка духовито, но гневно вели: "Видим наши братја христиани: очите имат отворено и гледаат лошо и гнасно. Кој гледа по стока, кои гледаат по игри, кои гледаат по свирки, кои гледаат по вино, кои гледаат по жени и ржат како кони, а едни гојат снага како маски, едни грабат и јадат туждо како волци, а други лукави како лисици..."

Во развиеното село-гратче *Ваташа* дејствуваше како учител **Даскал Камче Поп Ангелов** (1790-1856), организатор на првата македонска печатница. Семејствоо било сиромашно и не можеле да платат ни за учителот, така што бил самоук. Потоа ги водел хаџиите во Света Гора, а бидејќи имал талент за раскажување и опишување направил прирачник "Краток опис на светогорските манастири". Станал учител (*даскал*) во Ваташа и иницирал граѓаните да изградат ново училиште. Некои побогати сограѓани му дале пари да набави **печатница**. Почнал да печати книшки со поуки: "Плаши се само од Бога, не плаши се од никој друг", "Не биди мрзелив, туку работи" и сл. Во Печатницата, која е преместена во Солун, е отпечатена и книшката на Џинот "Таблица перваја", буквар со морална подука.

**Кирил Пејчиновиќ** (1771-1845) се замонашил во Светата Гора, а потоа го возобновил Лешочкиот манастир кај Тетово, каде бил креативен игумен и бележит беседник до крајот на животот.

Од централниот македонски град Велес настапи **Јордан Хаџи Константиов - Џинот** (1818-1882), легендарен општ просветител, учител речиси во секој македонски град, каде масовно почнаа да се организираат современи училишта, со основната просветна цел луѓето да не бидат слепи при очите. Но тој и повеќе подучуваше - преку морални песни, записи и драми за моралот како составен дел на човештината. Еве како ја опишува ползата од трудот: "Трудо е безценно дело совршенно; благородна чест носи, бел образ приноси... Трудот ќе ве научи и ќе ве обучи блажено да одите, добро да творите".

Во Прилеп се истакна како личност, домаќин, духовит и полн со грижи за народот **Хаџи Ристо Логотет** (1765-1852), Како богат трговец, спријателен со

везирот, измолил и платил да се направи првата нова црква во Македонија храмот Св. Благовештение (1834). Бил и првак во кажувањето и правењето шеги, што е особена прилепска карактеристика. За овој духовен херој книга има напишано **Блаже Алексоски**, актер и директор на прилепскиот Народен театар, автор на десеттина прекрасни книги за прилепското минато и шегобијство. Во книгата за Ристо Логотет стои што овој велел за една од најпрочуените етички пораки: "На влезот во некој храм во стара Хелада имало напишано *Познај се самиот себеси.* Арен ми се гледа курназлакот, па и мене на многу пати ми се јавува мерак да се познаам себеси. Арно ама, наместо да се опознаам себе си, некој друг Ристе ми вели: *Не познавај се себи се, Ристе, оти ќе се исплашиш од себе си.* А сега бре, братко, кој Ристе да го послушам?"

Во Струга израснаа браќата **Димитар** (1810-1862) **и Константин** (1830-1862) **Миладинови**, учители, кои ја ширеа просветата во многу места, посебно во Кукуш, значаен град во единствена Македонија (од таму по потекло е Гоце Делчев), кои направија историски *Зборник на македонски народни песни* (1861). Во Москва **Константин** ја напиша тажната национална балада **Тга за југ**. Поради националноослободителните идеи Димитар е фрлен во зандана. Кога брат му дознал во Белград за затворениот брат, тој веднаш се упатил во Цариград, каде и него го фатиле и тој исто така умрел таму во занданата.

**Партениј Зографски** (Павле Василев, 1818-1876) од Лазарополе, митрополит, значаен културен деец, го превел *Житието на св. Климент Охридски* и објавил 2 учебници за македонското наречје.

**Кузман Шапкарев** (1834-1909), охридски роднина на браќата Миладиновци, бил учител во Кукуш (1851), откаде започна неговата просветна кариера и собирачка етнографска дејност. Талкал по разни места, често со страдалнички ситуации, но не се откажал од наставничката задача. Има напишано 8 учебници, исклучителн број за нашата скромна едукативна служба. Во своите бројни слова говори за разни човечки должности: "Свртете ги очите околу вас и ќе разберете, оти каде е неучењето и глупостите, таму е и сиромаштијата, а каде е општествениот развиток, таму е и успехот и богатството... **Учењето е најголемото добро на земјата**, најсклоната и најлековитата билка, која може да го избави човекот од злото и несреќата".

И уште мнозина треба да бидат споменати, не само како национална гордост, туку како приказ на моќта на Македонците да работат и да прават совршени дела, како, на пример, најпознатиот современ градител **Андреј Дамјанов** (1813-1878), а исто така и бројни зографи, резбари и други прочуени занаетчии, заедно со комитите и војводите, кои ги креваа првите востанија и правеа први устави за национално дејствување и организирање.

**Григор Прличев** уште од детството се истакна со љубовта за учење. Како бебе останал без татка си Ставре, но мајката Марија со голема грижа, во скудни услови, ги израсна своите 4 деца. Дедо му почувствувал дарби во внукот и помогнал да се школува - уште во 4-тата година го научил на грчките букви и го упатил во училиште. Дедо му бил моралист според класичните христијански идеали, искажани од свети Климент - секоја сабота питал по градот за помош на затворените и им носел за јадење. Ако паднел снег, ќе дошол по Григора во училиштето и го носел нарамо дома, зашто секогаш бил необуен. Кога дедо му умрел, оставил аманет на мајка му да му помогне на Григор да учи и таа тоа доследно го извршувала. Како дете Григор помагал за семејното живеење, продавајќи нивни прехранбени продукти, а заработувал и како добар препишувач на текстови. Ја пожалил мајка си која на главата носела тукуштo испран и свиткан килим: "Еда ли така, нано, ќе робуваме?" Таа му одговорила: "Тука на земјава секој е роб.

Блазе си му на оној што со труд се извишува себеси". Малиот Григор се преродил кога дошол во училиштето во кое бил учител Димитрија Миладинов. И кај Прличев и кај брат му Константин Миладинов, со кого инаку беа врсници и наши најдобри поети од таа епоха, Димитрија всадил увереност во силата на просветувањето и развил дух и на почитување на класиката и на борба за национален јазик и за развиток на слободата и културата. Двајцата ја познавале старохеленската историја и уметност и ги истакнувале нејзините вредности, а потоа, во духот на Просветителството и романтичарскиот наплив, се заложуваат за националната духовна преродба, која ќе отвори не само визии за иднината, туку и реален пат до неа. По училиштето, некое време Прличев работел како шивач, а потоа една година бил учител во Тирана. Таму почнал да учи странски јазици и се решил да го продолжи школувањето.

Со заштедените средства отишол во Атина (1849), центар на новосоздадената слободна грчка држава, за да студира медицина, кон која бил наклонет, зашто од младоста бил болникав, а тоа било и желба на неговото семејство. Но од него блика стремеж за општо знаења и тој ги слуша повеќе предавањата по филологија, пишува песни и ги става на таблата за сите да ги видат. Таму присуствувал на доделувањето на една литературна награда, што му оставило голем впечаток, а поетот му станал идол. Животот во Атина му бил многу тежок и во материјална и во социјална смисла, дури и неговите колеги се подбивале со Македонците, дојдени да печалат, скромно облечени. Откако останал без средства (1850) се вратил дома. Две години работел како учител во селото Белица; за тој период вели дека му бил најспокоен и најсодржаен во животот. Таму го сретнал и мотивот за својата прочуена поема "Сердарот", која се однесува на тој регион. Тешка е ситуацијата на невработеноста, тој ја тргал повторно, а потоа заминал за Прилеп, а оттаму се вратил во Охрид, каде бил учител 6 години и се здобил со добар образовен углед. Заштедил пари и решил да се врати во Атина за да ги продолжи студиите. Завршил 2 години медицина, и ги напуштил студиите кога професорот по анатомија направил невкусна шега со трупот на некоја убава девојка. За конкурсот за поема со *етичка тема* во класичен стил на новогрчки јазик Прличев за кусо време го напиша "**Сердарот**", романтична поема за војувањето, моралот и мајчината љубов. Ја доби **првата награда** (1860), дури пофално е наречен "втор Хомер". Сепак не ја прифаќа стипендијата од грчкиот кнез Отон да се школува во странство, каде што сака, во Оксфорд или во Берлин, зашто бараа да се откаже од своето словенство. Се зафаќа да напише втора поема-еп "**Скендербеј**", за личноста и случувањата околу познатиот балкански херој од албанска Круја, кој водеше војна со Турците и соработуваше со Италијаните за да го избегне поробувањето од турската војска (името асоцира на Александар, *тур.* Искендер).

Тогаш се случува пресвртница во животот и ангажманот на Прличев. Дознава дека во турскиот затвор се отруени неговите пријатели браќата Миладиновци (1862). Се заканува за смртта на хероите: "Тргнав со тврдо решение да гинам или да одмаздам за Миладиновците". Станува **активен просветител**, се бори за македонскиот национален идентитет, ја објаснува, брани и шири македонската култура. Испратената поема "Скендербеј" на конкурсот во Атина не доби награда, иако е вистински еп (4 пати пообемен од "Сердарот"), а му забележаа дека не е зафатен целиот живот на албанскиот херој, туку само неговата последна борба, и дека Господ се меша и ги оценува животите на луѓето (Прличев тоа го направи токму следејќи го класичниот Хомер, кај кого интересните епизоди се важни колку и целината, а божествата се постојано на човечката животна сцена). Прличев минува неколку месеци во Цариград, за да го проучува

словенскиот јазик. Се враќа во Охрид. Води кампања за широко образование на младите и, посебно, за **воведување народен јазик** во училиштата и шири **панславистички** идеи. Му помага најблискиот другар **Јаким Сапунџиев**: "Им расправавме на учениците и на нивните родители колку е тежок елинскиот и колку е послатко и полесно да се учат на мајчиниот јазик". Знаењето на мајчиниот јазик е и политичко прашање, зашто без знаењето на мајчиниот јазик не може да се води борба за национално ослободување. Бара на училиште да одат и *девојчињата*, кои треба го изучат мајчиниот јазик, а како мајки "ќе можат куќа да кубернисает, деца да гледает и да ги тербетлисает (воспитуваат)". Движењето се вика "Народен подвиг", што ја изразува суштината на овој просветителски напор. Прличев истакнува дека "**народите кои не се борат за некоја идеја се сосем мртви**". Гане Тодоровски го оценува како "човек со историско-морален подвиг зад себе како најжесток отстранувач на грчката асимилаторска инвазија во Охрид и Македонија..., којшто успеа да му го сочува на нашиот народ словенскиот белег, оспособувајќи го... за прераснување во нација". Доаѓа во судир со грчкиот владика Мелетиј, експонент на хеленистичкиот национализам, кој се стреми да ги хеленизира Македонците, инаку злонамерно суштество, кој го обвинува Прличева пред грчките и турските власти. Турците го затвораат, прво во охридскиот затвор, потоа го носат во злогласната дебарска зандана. Мајка му го жали од постела, тој ѝ одговара: "Никому зло не сум сторил. **Чисто небо од светкавици не се бои**". Затворен, започнува да го препејува најпознатиот еп "Илијада". Го спасуваат пријателите и граѓаните, кои ги поткупуваат турските власти (1869). Во Охрид наскоро пристигнал бугарскиот митрополит Натанаил, кому поетот ќе му посвети ода. Но, избива судир со тој претставник на тукушто создадената Бугарска егзархија, кој повеќе се грижел за интересите на црквата и на властите, отколку за народот.

Како врвен познавач и преведувач од грчкиот јазик, го поканија на престој во Софија. Тој знаеше многу јазици, француски, италијански, речиси сите словенски. Има идеја да изгради **единствен славенски јазик**, составен otд неколку словенски јазици, а наменет за употреба на сите славенски народи. Почна да ја прави таа јазичка конструкција, достојна на споменот на светите Кирил, Методиј и Климент Охридски. Во Бугарија се подбиваат со неговото настојување и концепција. Во своите записи вели дека "тие го убиле уште додека бил жив". Разочаран, во Габрово во гимназијата предава старогрчки јазик. Откако се укинати класичните јазици во образованието, во Софија работи како библиотекар (така многу врвни интелектуалци се деградирани да ги евидентираат библиотечните фондови, работа која тие лесно ја извршуваат, но имаат поголеми потенцијали). Има слаб вид и тешко пишува ситни букви. Прифаќа да оди да работи во Битола, потоа пак во Охрид, и конечно станува наставник во Солунската егзархиска гимназија, каде им предава на многу од идните револуционери, помеѓу кои и на Гоце Делчев. Таму ја создаде "**Автобиографијата**" (1884-85), која е убав пример на самопреиспитување и изложување на талкањата и страдања на еден прекрасен ум. Скицата за овој убав текст е претходниот состав "Мечта на еден старец" (1883). Автобиографијата е објавена постхумно и претставува единствен документ за живеењето на нашите предци пред 150 години и за целите и тешкотиите на Преродбата, која не сретнувала само поддршка, туку и неразбирање од неразвиеното население и постојани опструкции од околните непријатели на македонската самобитност. Треба да се споредува со автобиографиите на свети Августин, Абелар, Жан-Жак Русо, Шатобријан; ги има истите вредности и авторот го сметаме рамен на нивните интелектуални сили, а книгата на сличен начин е инспирирана, за да им помогне на луѓето за подобро да ги разберат условите и насоките на нашите животни движења. Самиот Прличев таму истакнува дека имал

три водечки љубени суштества - Хомер, мајката и Богородицата, и исклучителен принцип - **совршенство или смрт!**

По уште еден обид во Бугарија, Прличев се враќа дефинитивно во Охрид. Многу од гркоманите и богатите граѓани недостојно го навредуваат, тој е сиромашен и разочаран. Умира во 1893 година, но е испратен на последниот пат од голем дел од градското население, со почит за неговата просветителска и проповедничка активност. Исто така направен е помен и во Солунската гимназија, каде што беше учител. Но остана заборавен за идните половина столетие, кога слободната татковина и нејзините научници му оддаваат признание на тој голем поет, интернационален интелектуалец, национален борец и прекрасен педагог, културен фантаст и морален учител. Многу научници и писатели имаат пишувано за Прличев. Во Охрид на 6 февруари (денот на неговата смрт) се одржуваат "Прличевите беседи", на кои настапуваат нашите и странските познати творци, укажувајќи му чест на најзначајниот поет и духовен творец во нашата Преродба.

Поемата "**Сердарот**" (О арматолос) има добиено најголемо интернационално признание за некој наш автор. Иако странец, Прличев ја создаде на така добар новогрчки јазик, што предизвика восхит кај културната јавност и за неговото дело пишуваа многу весници. Во 912 стихови станува збор за Кузман Капидан, легендарен водач на група вооружени луѓе (околу 1830-ите), кои ги гонат албанските качаци, кои во таа епоха дивееле низ Македонија. Настанот е во Река. По загинувањето на херојот, кој со десет борци победил сто вооружени разбојници, 4 останати арамии го донесуваат дома кај мајка му Неда. Тие кажуваат: "Тогаш ја зеде врз грбот тежината сета, син ти неизмерно сакан". Неда е образец на храбра родителка и го изразува националниот дух на отпорот, кој нема да згасне. Останува да тагува и свршеницата Марија. Ликот на Неда, со извонредно херојско однесување пред мртвиот син Прличев го оформи според идеите на мајка му. Вели: "Мајчината љубов помага и во пишувањето". Од својата романтичарска визија Прличев создаде мајсторско дело, кое покажува дека херојски се бранат честа, татковината и блиските - а слабо се борат оние кои се тргнати во пљакосување и ги навредуваат и плашат другите. Вели: "Бидете смели, о деца на Река! Нечесност не ќе нé плаши. Спомнете си кој ви навредува земја, и нека срцата охрабат ваши!" За себе на крајот во хомеровски дух вели: "Јас, прост запишувач, од збор до збор, достоверно запомнив сé што слушав". Тој се обиде самиот да ја преведе поемата на охридскиот дијалект и во нашиот народен десетерец. Неколку македонски автори ја имаат препеано поемата - Ѓорѓи Сталев, Гане Тодоровски, Михаил Петрушевски и Тодор Димитровски. Во прилозите се објаснуваат јазичките, стилските и версификаторските прашања. Академикот **Михаил Петрушевски** (1911-1990, најголемиот авторитет кај нас за класичните јазици и голем просветител, прв декан на Филозофскиот факултет, ректор на Скопскиот универзитет, основач и раководител на Катедрата за класични студии и на светски познатото списание "Жива Антика") смета дека насловот треба да гласи "Мартолозот", според тоа што херојот не бил командант на регуларна турска војска, туку водач на доброволци, и дека тој збор до скоро се употребувала и кај нас, а и самиот Прличев својот препев на поемата го насловувал така.

Во историскиот еп "**Скендербеј**" се расправа за големиот херој, кого Албанците го сметаат за најголем национален деец, а го познаваат сите балкански народи. Му се противставувал 21 година на султанот и не успеале да го победат. Идејата не е актуелна како во "Сердарот", станува збор за настани од пред 400 години, има развлекувања и повторувани кажувања во 3.791 стих, но и прекрасни романтичарски описи и морални ставови. Во центарот е борбата за слобода против потчинувањето на туѓа сила и вера. Всушност, епот Прличев го направил според

обрасците на големиот Хомер, кој бил негов творечки идеал, и парафразирајќи ја старохеленската митологија, чие духовно средиште е изложено токму во класичните епови. Таму вели дека моќниот Господ самиот ја решава судбината на "земските црвја". **Георги** (1405-1468), син на епирскиот деспот Јоан Кастриот, бил со уште 3 брата заробен и однесен во Стамбол. Султанот Мурат Втори ги потурчил, а на Георги му дал име **Скендер**. Потоа се убиени неговите браќа. Скендер се борел против Персијанците и добил почесно звање **беј**, а во 1444 година го победил кај Ниш унгарскиот крал Јанош Хуњади. Оттука не се вратил, туку заминал во Круја, откажувајќи се од мухамеданството и станувајќи владетел на Албанија. Турците три пати го опседнувале, но не успеале да го победат. Од Папата добил орден "Рицар на христијанството". Последната опсада на Круја била година дена пред смртта на херојот, кој починал во градот Леш и закопан е во катедралата "Свети Никола". Во епот, според Прличев, последната битка ја добива благодарејќи на својата хуманост, моралност и верност на зборот, а турскиот војсководец губи поради својот цинизам и горделивост. Прличев ги истакнува етичките својства на хероите - тие го совладуваат гневот, се решаваат на дело, ги избегнуваат грешките, тој го брани патриотизмот, "тој воздух на слободата ја пречистил и крвта", го пофалува животниот оптимизам. Во епот победува начелото на доброто над начелото на злото. Препев на "Скендербеј" направија професорите Ѓорѓи Сталев (чиј татко, големиот прозаист Стале Попов, донесе препис на ракописот од Софија, за кого што долго време се мислеше дека е загубен) и Михаил Петрушевски (двете поетски творби на Прличев академикот ги објави напоредно со факсимилите, односно со новогрчкиот текст).

Прличев се обиде да ги препее Хомеровите епови "Илијада" и "Одисеја", како и ренесансните епови "Бесни Орландо" на Лудовико Ариосто и "Ослободениот Ерусалим" на Торквато Тасо, но тие останаа само во ракопис. Имаше проблеми со прифаќањето во Бугарија на неговите текстови, затоа што му забележувале дека не го знае доволно бугарскиот јазик, што не е чудо кога потекнува од Охрид. Кога пишува на јазикот од својот крај, неговите стихови се јасни и елоквенти. Инспириран од модерните движења на поврзување на народите (пангерманизам, панхеленизам, панславизам), кои беа следени и со просветителски тенденции, Прличев се обиде да направи еден **заеднички словенски јазик**, со зборови од разните словенски народи, кој би можеле сите да го користат. Тој направи и граматика за тој јазик и преведувал свои стихови според тие начела, но не бил прифатен, мнозина писатели и новинари го критикувале, а не разбирале дека таков обид е еден вистински интересен **просветителски потфат** (во литературата некои тоа го оценуваат како обид за создавање на "словенско есперанто" - јазик наречен "есперанто" создаде во таа епоха, околу 1887-та, Пољакот Заменхов врз основа на романските јазици и упростена граматика). Прличев запишал: "Една е славјанската граматика и ште настане време кога едно општо наречие (употребено од учените) ште ги сврзе сите славјански племиња. Тоа **може да е сон, но е и нужда голема**".

Горд на Охрид и на неговата величествена христијанска историја, Прличев ја пишува (1872) стихотворбата "**1762-ро лето**", со која потсетува на љубоморното однесување на грчките владици спрема словенската база во Охридската архиепископија, која Турците ја укинаа (1767) по кодошењето и поткуп од вселенскиот патријарх во Цариград по 800 години постоење. Тој настан е тажен спомен на охриѓаните и на сите Македонци, зашто ја загубија својата духовна опора (таа стихотворба на Прличев со пиетет ја изведуваат охридските чалгаџии, "охридските трубадури").

Интересирањето за **етика** Прличев го изрази со просветителското објаснување на **идеите на античките философи**, кои ги претставува како обрасци

за персисентно класично самообразование. Прави и објавува серија слова, главно за просветителските потреби - кои кај нас прв ги пренесе **д-р Кирил Ќамилов** (1899-1976, по потекло од Велес, од семејство на Гемиџиите, француски докторант со исклучителната докторска дисертација "Психологија на македонското дете", 1936, шпански борец, наша ретка интернационална интелектуална личност, етнолог и филозоф, прв шеф на катедрата за Педагогија на Скопскиот универзитет, потоа соработник на Институтот за фолклор, со Славко Јаневски и Мето Јовановски составувач на прекрасната книга "**Темни кажувања**", 1962, за историските, митолошките и моралните аспекти на македонското живеење).

**Словата** на Прличев, кои ги држел во јавноста, се проповеди, но содржат и исповеди на бесерникот. Во своите говори тој го следи образецот на свети Климент Охридски, прочуен беседник, нашиот најзначаен етичар (од кого се сочувани 20-тина слова и поуки). Прличев е од маалото каде што дејствувал и имал школа и манастир нашиот најпознат светител и каде што му беше телото (во црквата Света Богородица, односно Свети Климент Нови, бидејќи Турците ја заседоа и урнаа неговата оригинална црква на Плаошник-Имарет, каде слободна Македонија го врати гробот на својот светител покровител). Во своите слова Прличев има и тематски поврзувања со свети Климент, каква што е беседата за светите Кирил и Методиј (1885), чиј најдобар ученик беше охридскиот светец и чии житија ги има напишано. За браќата првите словенски просветители Прличев истакнува 3 блескави етички моменти: признавањето на словенскиот јазик од папата Адријан, како и нивната кроткост и трудољубие: "Тие неуморно се трудеа додека го извршија великото дело, коешто не би можеле да го извршат ни цареви, а можеби не ни Христовите апостоли". Словата биле знак на ангжираноста на Прличев за народната просвета и развивање на самосвеста на народот. Првото слово го одржал во 1862 година против грчките свештеници и предизвикало узбуна кај гркофилите. Се знае дека некои слова се одржувани на крајот на учебната година. Словата главно имаат политички карактер, но тоа се говори на еден поет, кој има убав стил и ја познава реториката (како висока античка наука). "Словото за испитите" (1866) е брилјантен образец на етичката размисла и подучување на Прличев. Тоа е повик кон народот да се разбуди и тргне во решителна битка за самостојност и прогрес. Тој ги критикува хеленизираните охридски чорбаџии, но исто така го осудува општата заостанатост, суеверието, предрасудите, го истакнува **разумот** како една од претпоставките на борбата за слобода. Тој сака народот во ропство, притиснат и од државата и од околните народи, да не дозволи да престане да постои. Ги проколнува незнаењето и фатализмот како семиња на загубеноста. Говорот на крајот на учебната година не ги изнесува само успесите во училиштето, туку е резиме и на народните акции и отпор. Ова е морална согледба на борбата за ослободување; се лее многу крв, но младите покрај знаењата треба да се здобијат и со "срце човечко". Знаењата без разбирање на народната болка не му служат на човештвото (идејата за *болка* за светот и животот - Weltschmerz - е оригинална идеја на романтизмот). "Разумот да му служи на срцето, а срцето - на разумот", вели Прличев. "Учењето е потребно на секого... Тоа е горчлив лек, но потребен да се излекуваат душевните болести... Науката е вистина, вистината е горка". Тој говори за човечкото поведение, дека постои **еден основен етички закон** во животот на човекот, **ном** (намисла, принцип, норма), со кој му се дадени на човекот насоките на однесувањетото за да може да опстои и да се развива. Разумот е жив ако те учи да се бориш за вистината, за слободата и за правдината. Како неморални посебни ги критикува крадецот, лажецот и убиецот. Станува против алкохолизмот и "цревоугодството". против живеењето

со "бесно сладострастие". Бара и добро работно образование, медицинска превентива и заштита од зарази. Тоа е цела концепција на образованието, но и на живеењето.

Словото за свети Климент (1867) е роднокрајно и просветителски интонирано. Тука, со библиска метафора, потсетува на Климента, како и на својата борба: "Јас сум добриот пастир и својата душа ја давам за своите овци". Во словата ја искажува својата надеж и увереност дека "Македонија е плодотворна... Македонија ќе изнароди звездоподобни момчиња". Укажува на разумниот морал на Александар Македонски, кој во пустината не пиел вода, кога и војниците немале, зашто водачите треба со пример да покажуваат какво е правилното однесување. Исто така, истакнува дека Александар Македонски на своите војници им зборувал македонски, а на Грците грчки. Но дава интернационална поука: "Природно и потребно е да ја сакаш својата татковина, но тоа не значи дека треба да ја мразиш татковината на другите народи... Секое потценување или негирање на заслугите на другите народи води кон шовинизам". Кирил Ќамилов направи студија врз материјалите од куќата на Прличев за неговата **критика на грчката историографија**, во која наоѓа пукнатини и преправања на вистината, кога фактите и ставовите од Антиката се истакнуваат како современи хеленистички својства - при тоа ги потцртува "значењето на словенската култура и цивилизација како нејзина антитеза". Оваа борба на културен фронт, во која и во современието се истакнува античкиот хеленски шовинизам "дека сé што не е хеленско е варварско", а со тоа недостојно за самостојно живеење, сега е романтизирање и ненаучност, зашто е илузија денешните Грци да се нарекуваат потомци на античките Хелени, за што ги поддржуваат и некои несериозни западни научници. Прличев ја објаснува објективноста и субјективноста на историографијата, покажувајќи грешки и во старите текстови и во новите текстови. Посебно е интересно неговите набројувања на неточностите за **народниот карактер на Филип и Александар Македонски**, за кои Прличев детално укажува дека се Македонци. "Македонија и Тракија никогаш не беа населени со Грци, ниту во времето на Александра, ниту во времето на Римјаните", истакнува Прличев, а на историчарот кој не внимава на тоа му порачува со забелешка на француски јазик: "Треба да се мисли точно. Тоа е *принципот на моралот*".

Словото-есеј "**Чувај се себеси**" (1866) е оригинален приказ на патриотските погледи на Прличев. Тој препорачува **3 правила**: 1. да се познаваш себеси, 2. да се почитуваш себеси, 3. да се чуваш себеси. Тоа е укажување на нужноста за потпирање врз сопствените сили и потенцијали. Императивот, номот **Чувај се!** не го напишал Господ во книга, но го напишал директно во срцето на човекот. "Човеку, внимавај, од тебе зависи твојата судба. Ако не се чуваш, ќе бидеш беден и таксиратлија, и болестите ќе бидат на главата твоја". Ова води кон друг *ном*: Чувај го својот ближен. крени го својот брат, помогни му, помагајќи го измачениот, си помагаш на себеси, се чуваш себеси. "Ако сториш добро другому, самиот себе се чуваш, правиш ли зло, си правиш зло на себеси. Това е мојот ном", вели Прличев.

Во неговите текстови има многу **етички ставови**: "Работата е здравје и чест", "Ако е вистина дека безделништвото е мајка на сите зла, тогаш исто така е вистина дека **трудот е татко на сите добрини**", "Бесонието е чедо на гревот", "Во знаењето нема ни грев ни срам", "Многузборливоста е страшна и омразна", "Чајанието дава сила", "Секој страдалец верува дека ќе му свршат страданијата", "Разговорот е радост на несреќните", "Паниката е способна да ги омалодуши најбестрашните", "Како може да биде чиста водата, кога изворот е

нечист", "Слободен е само оној кој ја презира смртта" и многу други. Тие се карактеристични за сфаќањата на македонскиот народ и за самиот Прличев како просветител. И денес се поучни и можат секого многу да научат.

Има напишано и **етички поуки за децата** "Воспитување или 12 песни", за кои цариградскиот весник известува дека ги создал. Објавени се во делови и во целост. Речиси целиот живот учител и самиот татко на 5 деца, Прличев тука ја изразува грижата за најмладите, како што и тој бил чуван од мајка му и дедо му. Овие дидактички стихотворби се инспирирани од духот и содржината на македонските народни песни и поуки за децата. Во песната 1 пишува за брат и сестра кои се играт покрај Дрим, но привлечена од водата и бучавата прва се удавува сестрата, а по неа скока братот и тој го загубува животот. Во песната 2 Лена е разгалена, "колку убавица, толку ветерница". Иако ја оставаат дома да ја чува малата Неда, таа се занесува и оди во изба да јаде мед. Неда си исечува прст со остар нож, а Лена се запалува од кандило над кое се наведна - останува жива, но со лузни, "сите да ја гледаат и урок да учат". Во песната 3 таткото го учи Трајан, кој е спанко, а сака да постигнува успех во училиште како и Атанас, дека треба да станува рано, да се мие со студена вода. Го послуша татка си, "стана подобар" и најуспешен ученик. Во песната 4 се опејува Драганче, кој бил голем плачко. Не сакал да учи, ги бркал другарите од себе, ако нешто загубел "само плакал и рикал". Татко му го искарал зошто е таков. Драганче му се помолил на Бога: "Господи, поправи ме". Со усилби си ја поправи наравта, "сите го заљубија". Песната 5 говори за големиот лапач Гого. Мајка му го учи да јаде пет пати на ден по малку, но Гога не слушал, кога се вратил вечерта од цел ден играње, прегладнет, толку се прејал, што стомакот му се подул и умрел. Песната 6 "Мајкино воспитување" го опишува искуството на Кадрија. Кога татко му починал, мајка му го учела да прави добро, зашто Бог го загрижува лошото дело, а се радува на доброто и на сите им плаќа според делата. Го учи да си ја љуби мајка си и братот си, како и сите луѓе: "Секој човек братец ти е, не гледај на вера, род и боја", да брани вдовици, а насилникот да го казнува, да не обожава сребро, ниту лагата да не му ја оскверни устата. Тој ги слушал советите на мајка си, "стана голем маж..., слава му се шири по целата земја". Во песната 7 Трпо претерувал со јадење и станал толку алчен, што сите му префрлале, никој не го сакал, а тој стигнал до питачки став од ненаситната страст. Песната 8 опишува дете Сокол од Одрин, кој станал крадец, првин насекаде земал овошје, па добиток, а мајка му не го карала. Кога пораснал се обидел да го покраде царското благо, го фатиле и осудиле на бесење. Тој ѝ префрли на мајка си што не го укорила и подучила, па царот неа ја казни. Во песната 8 се раскажува за трагичното својство на Пано, "зол во срцето", "шепотник со клевети страшни", кој ги наведувал соучениците на караници, а потоа пред учителот ги напаѓал скришно. Учителот ја согледал белјата, ги посоветувал децата, "незлобни страдалници", да не му даваат на Пано "ни вера ни уво" и да не се играат со него. Го презирале кодошот, кој останал без другар, а татко му го испратил да учи во далечен град за да ги окае гревовите. Песната 9 го претставува Силјанче, кого мајката го плашела со глупави и страшни сказни и со вампири. Срцето му го замрзнала и омекнала, се плашел од светкавици, од грмеж, од ветрец, од сништа и од сенки. Лекарот познал за што станува збор, го советувал да оди со татка си на лов. Кога искочил зајак, Стојанче свикал "Мечка!", а кога татко му пукнал малиот страшливец се вкочанил и умрел. Во песната 11 се говори за Перо, "красно детенце", но разгалено и воспитано на мрза. На училиштето не учел, учителот го советувал, но тој му одговарал дека татко му е богат. Широкиот Вардар еднаш им го однел сиот имот. Стариот татко го подучил да стане орач,

што разгалениот Перо го отфрлил. Кога стариот умрел, тој остана сиромав и гладен, никој не го земаше за работа, "не е орач, не е копач, никакво знаење нема". Мајка му скокна во Вардар за да не го гледа синот страдалник, ослабнат и сокинат, а тој ги проколна оние "што ги галат своите деца". Во песната 12 се обработени судбините на две девојчиња - Дудија според ликот и својствата е иста како мајка ѝ, "колку е грозна на лице, толку е зла на срце", никој не ја сака, а втората Ката е "лепа на лице и блага на срце" и сите ја сакале. Но, дома само неа ја терале сѐ да работи, "кротка како јаганце, послушна, трпелива". Еднаш, носејќи во стомна вода од далечен извор, една старица побарала да се напие, на што Ката љубезно ја послужила. Старицата кажа дека е Марија Миленка, мајка му на Исус, и дека го оценува однесувањето на луѓето и за доброто поведение на Ката ја награди со секој збор од устата да ѝ излегуват скапоцености. Кога тоа го виделе злобните мајка и сестра, утредента Дудија замина по вода (со совет да внимава што прави). Злата сестра лошо ѝ одговори на старицата сама да си ја крене стомната, а оваа ја осуди зборовите да ѝ бидат проследени со жаби и кал. Злобните ја исфрлија Ката од дома, но неа ја најде принц и ја ожени, а лошата сестра остана да живее во смет. Така Прличев во **моралните песни ги советува децата како е добро да се однесуваат**, а исто така како е лошо. Примерите се драстични за нашето време, но тоа е свет со свои искуства и вредности - како што и новите детски приказни имаат свои конвулзивни и трагични решенија. Секаде етиката е поучна и важна за младите.

За својата поетска работа Прличев има кажано умно: "Колај е од еден извор да извајт човек многу зборови, ама многуте зборој да и соберит во еден збор, тоа е мачно". Тврди дека должноста на поетот е да ја следи својата *фантазија*, а должноста на философот е да го следи својот *вистински разум*. Ги пофалува слободата и прогресот, како и **творењето**. На крајот на "Скендербеј" стои: "Отстрани ги од книгава ти сите туѓи гласој, одврати ме од лаежот на пусто празнословје, сликај ми ја природата во ликот нејзин љубен, во старата хармонија облечи ги зборојте!" Бил голем стилист и благороден педагог и народен деец. Вели: "**Оравме ден и ноќ да си приготвиме почва за сеење**".

Прличев покажува колку е голема и неопходна задачата на дејствување во националната култура, посебно во образованието. Рече: "Јас направив колку што можев, дај Боже и други да направат толку". Еден современик го опишува: "Беше човек со висока идеја, искрен, отворен, противник на сѐ што не е право, на сѐ што е фалшиво, што е лажно и лукаво". Просветителството во неговиот случај не е само моден тренд, туку суштествена лична определба и животно дело. Тој подучуваше, а нам ни останува не само да се восхитуваме на тој величествен и светски образован Македонец, туку и да ги усвоиме неговите принципи за животот и за творењето колку што е можно повеќе. Само така ќе се реализираат замислите на Григор Прличев.

**Етички мисли на Григор Прличев**

"Бев страдалник и сакав да лекувам човечки страданија (за определбата да студира медицина)."

"Науката го ослободува човекот. Таа е тешка работа, но благородна, бидејќи го менува ликот на човекот, го преселува од царството на незнаењето во царството на разумот, на срцето, на свеста."

"Кој не сака училиште, тој е непријател на својот народ."

"Разумот те учи: Сакај го доброто, мрази го лошото! - Човекот треба да љубит харното и да пизмит лошото."

# 68. Пјотр Кропоткин

## ЗАЕМОПОМОШТА Е СМИСЛА НА ПОСТОЕЊЕТО



Големите луѓе не се препознаваат според социјалната позиција, туку според човештината што ја изразуваат. Некои од најпознатите светски добротвори биле сиромашни луѓе, но некои од нив имале и високо потекло. Таков бил и рускиот етичар Пјотр Кропоткин, кој се застапувал **за еднаквост на сите и за укинување на каква било власт над луѓето**, иако бил благородник.

**Пјотр Александрович Кропоткин** е роден во 1842 година. Детството го минал на семејниот имот со 12.000 крепосници. На инсистирање на рускиот цар, младиот кнез посетувал офицерско училиште. Момчето се интересирало за природните науки; во гарнизонот нареката Амур ја проучувал географијата на Сибир и на Манџурија и ги поставил основите на својата социјална теорија врз принципите на **солидарност** во растителниот и во животинскиот свет. Книгата "Заемопомошта во животинскиот и во човечкиот свет" ги изложува основите на неговите етички погледи. Тогаш ги направил и првите чекори кон **анархизмот**: "Дисциплината е добра за воени паради, но таа не вреди во вистинскиот живот, во кој може да се постигне нешто само со силен напор на заедничката волја на сите, насочени кон заедничката цел... Во Сибир ја загубив вербата во државната дисциплина; бев подготвен да станам анархист". Таму ги малтретирале затворениците; Кропоткин ја напуштил армијата. Се разочарал и кога видел дека научните откритија за животинскиот и за растителниот свет се спротивни од животот на луѓето, т.е. дека кај луѓето нема ниту солидарност, ниту самоорганизирање.

Во 1872 година заминал за Швајцарија, која била центар на руската политичка емиграција. Заради затвореноста на првиот анархист **Михаил Бакунин** (1814-1876) кон неговите сонародници, не дошло до нивна средба. Потоа Кропоткин работел во Русија како научник, а навечер, преправен во селанец, учествувал на тајните собири на петроградските работници. Во 1874 година е затворен, но од болницата е организирано негово бегство за Англија. Таму, а подоцна во Швајцарија, работел во разни списанија, а текстовите ги објавил во книгата "Освојување на лебот (**Леб и слобода!**)". По атентатот (1883) врз царот Александар II, кој го извршила Кропоткиновата пријателка и соработничка Софија Перовска, започнал терор, па Кропоткин почнал да пропагира индивидуална револуционерна акција. Бил осуден на петгодишен затвор. Во затворот ги подучувал колегите-затвореници природни науки и странски јазици.

По Октомвриската револуција (1917) Кропоткин дошол во Петроград. Анархистичките активисти се ослободувале од затворите и од прогонството. Анархистичките центри се множеле, но движењето се раслоило околу прашањето на самоорганизирањето. И социјалистичката пропаганда против анархистите станала силна, од што ќе произлезе апсолутен судир помеѓу двеве струи на револуционерното движење, а подоцна сталинизмот сурово ќе се пресмета со анархистите. Кропоткин формирал "Федералистичка лига",

здружение на група научници, чија цел била да се направи концепција за решавање на економската криза, но без државна централизација. Тоталната централизација на Руската револуција го разочарала Кропоткин. Тој се оградувал од неа, бил решен да ја продолжи битката, дури и ако остане сам во борбата. Во 1918 година е растурено анархистичкото движење. Кропоткин е прогонуван, станот му е претресуван, а тој е принуден да замине од градот.

До крајот од животот Кропоткин работел на делото "**Етика**", со кое ги продолжил **истражувањата на заемопомошта-солидарноста**. Во малечкото пусто гратче Дмитров три години ја пишувал деноноќно својата "Етика". Неговата библиотека останала во Англија, немал пари и одвај ги позајмувал потребните книги. Делото го пишувал и препишувал рачно, немал машина за пишување, ниту секретар. Поради слабата исхрана бил физички изнемоштен, но пишувал по цели ноќи. Работата на "Етика" ја сметал за револуционерен акт: бил стар за револуционерни акции, но неговата етика требало да ја вдахнови Револуцијата, давајќи им на револуционерите високи етички идеали - **еднаквост и праведност, солидарност и заемна помош, храброст и самопожртвуваност, слобода**. Кропоткин умрел во февруари 1921 година. На неговиот закоп за последен пат низ улиците на Москва се виеле црните анархистички знамиња. Со неговото заминување и со засилената комунистичката репресија е намалено и уништено руското анархистичко движење.

Кон моралните прашања Кропоткин пристапил поамбициозно во 1880-тите години и деценија подоцна, кога во светот сѐ повлијателно почнало да се сугерира дека моралот не е нешто неопходно (што ќе биде тенденција идните сто години). Истовремено се појавил и иморализмот на Фридрих Ниче, како и ставот на некои следбеници на еволуционистот Дарвин дека во светот царува само законот на природната селекција на најсилните и на борбата за опстанок, со што се придонесуваше кон философскиот аморализам и животниот нихилизам (социјал-дарвинизам). Кропоткин ја создава својата "Етика" со спротивни идеи. Делото останало недовршено.

"Етиката" на Кропоткин се стремела да даде одговори на две основни етички прашања: **Од каде потекнуваат во човекот моралните поими, сфаќања, претстави?** и **Кон што се насочени моралните прописи и норми?** Авторот планирал најнапред да го објасни потеклото и историскиот развој на моралот и моралноста, додека во вториот том сакал да ги изложи основите на својата етика и нејзините цели. Кропоткин се обидел научно да докаже дека **природата не е а-морална и таа не го прави човекот злобен**. Напротив, нашите поими за доброто и за злото, како и за "највишето добро", потекнуваат од природата. Моралноста е суштествен продукт на еволуцијата на социјалниот живот и кај луѓето и кај останатите суштества - растенијата и животните. За Кропоткин "добродетелта" и "порокот" се и зоолошки поими, а не само човечки. Но, само општествениот живот може кај луѓето, како и кај животните, да го исфилтрира инстинктот на дружељубивоста и на **заемопомошта-солидарноста**, кои понатаму ќе напредуваат кон чувство на заемна симпатија и љубов и кон посакување добро едните на другите и кон меѓусебно правење добри дела. Токму од тие (солидарни) чувства и инстинкти потекнува човечкиот морал, кој во својата крајна инстанца го има правилото: **Не прави им го на другите луѓе она што не би сакал тие да ти го прават тебе!** Ова прочуено *Златно морално правило* ја изразува праведноста, **еднаквоста**, која, според Кропоткин, е "целосно братство". Еднаквоста е морално чувство. А моралот оди и понатаму; во него, врз основа на човечката свест, како повисок степен на моралноста, се појавува **себежртвувањето**.

Кај Кропоткин **етиката има три темели**: **заемна помош** (солидарност), **праведност** (еднаквост) и **пожртвуваност**. Не станува збор за некаква специфично револуционерна, "анархистичка" етика, туку, напротив, за чисто човечка, или, како што тој ја нарекува, за "реалистичка етика". Оваа етика кореспондира со современата наука, ослободена е од религиозниот догматизам и од метафизичките митологии, а духовно е исполнета со виши чувства, идеали, надежи. Како таква, оваа етика е неопходна за современиот човек. Нејзината главна задача е да ја определи моралната цел кон која се стреми човекот. Таа цел не може да биде ништо трансцендентно (од онаа страна на реалноста), туку нешто што е реално. Моралноста треба да се насочи кон животот, а не кон нешто надвор од него. И крајната цел на етиката не е да го советува секого посебно, туку "пред народот да ја постави, како цел, вишата цел - идеал, кој инстинктивно, подобро од секаков совет, би го водел кон етичко дејство".

Наспроти етиката на егоизмот Кропоткин пропагира *социјален морал* со основно правило заемната помош. Во ваквиот морал еднаквоста е услов за праведноста, а оваа е услов за моралноста. Заемната помош, праведноста, пожртвуваноста - тоа се трите чувства длабоко всадени во човекот, кои самите по себе имаат свое оправдување. Тие ја формираат моралноста. Од нив најсилен инстинкт е заемопомошта, **солидарноста** - која ја објаснуваат и во истата епоха ја бранат како врвна вредност за етиката исто така социолозите **Херберт Спенсер** (1820-1903) и **Емил Диркем** (1858-1917). Овие три елементи не се логички поими, апстракции. Тие се *етички* поими, а етичарот треба да го истражува нивното потекло и развој, за да ја покаже нивната иманентност во човечката природа, како што таа има и други присушти чувства.

Кропоткин признава само една единствена етика. Сите етики во крајна линија се втемелуваат врз општочовечката, реалистичка етика. И робот и господарот, и експлоатираниот и експлоататорот, и пролетерот и буржујот во основа припаѓаат само на една "класа" - а тоа е *човечкиот род*. Секоја етика се залага за одредени интереси, но сите етики се една иста, заедничка етика, толкувана од различни страни.

Слични идеи Кропоткин изложил и во делото "Анархизмот и моралот", коешто го нарече *етида за моралот*. Во него започнува со критиката на власта на таа епоха (држава, буржоазија, религиозна организација), чиј морал и норми зад себе го кријат нивното лицемерие. Треба да се изгради еден, во вистинска смисла на зборот, **човечки морал**. Ваквиот акт е прогресивен ако моралните кодекси станат принципи на самата индивидуа.

Кропоткин и овде ја сместува вистинската моралност во **солидарноста**, која е "вродено својство, исто како и чувството за мирис или за допир". Заемно помагање човекот може да го види и во природата, во животинскиот свет каде што се живее во заедници. Оваа е неопходно, бидејќи "без солидарноста индивидуите и видовите на животинскиот свет не би можеле да се развиваат и усовршуваат". Солидарноста се среќава секаде каде што постои заедница, па таа е многу позначајна од Дарвиновата прилагодливост. Врз оваа основа Кропоткин доброто и злото ги поистоветува со корисното и штетното за заедницата: "Идејата за доброто и лошото е природна потреба на животинскиот вид. Кога основачите на религијата, философите и моралистите зборуваат за нивната божествена или метафизичка суштина, тие само го прецвакуваат она што секоја мравка или врапче го практикуваат во своето малечко општество: Дали тоа е корисно за заедницата? Ако е, тогаш е добро. Дали тоа е штетно за заедницата? Ако е, тогаш е лошо."

Вториот етички принцип, оној на еднаквоста, во себе го содржи почитувањето на слободата на личноста. Анархистите се за **општа слобода**, и своја и туѓа: "Врз основа на што ние си дозволуваме да бараме еден тип однос спрема нас, а, истовремено, себеси да си даваме право кон другите да постапуваме на друг начин?... Еднаквоста - тоа е праведност".

Третиот етички принцип **самопожртвуваноста** потекнува од свеста за сопствената моќ: "Внатрешната свест за способностите на човекот е првиот чекор кон сфаќањето на она што тој мора да го прави. Чувството на моралната должност... е изобилството живот што бара да се примени".

Кропоткин е една од најмаркантните личности на анархистичкото учење (покрај Прудон, Бакунин и неколку други). Неговата социјално-политичка теорија ја именуваат *анархо-комунизам* - тој ги поврза идеалот на комунизмот (*еднаквоста*) и идеалот на анархизмот (*слободата на личноста*).

Кропоткин има голем придонес за етиката. Неговата теорија е **етика на солидарноста, праведноста и саможртвувањето**. Нејзината основа е *природноста*. Тој тврди дека само во природното живеење и дејствување може да се постапува вистински морално. Етиката на Кропоткин е исполнета со висока свесност и со почитување на луѓето и на себеси, со разбирање и со љубов за целиот човечки род и за природата, бидејќи во светот на човекот и на животните основата за прогрес е солидарноста. Заемопомошта, како и храброста и индивидуалната иницијатива, му носат победа на оној вид кој најдобро ќе научи нив да ги применува. Делата на Кропоткин се напишани едноставно, мудри се, разбирливи и секогаш современи и актуелни. Тие не се само буквари на анархизмот - кој по актуелен животно бил некогаш, а сега само понекогаш и понекаде, во некои уметнички кругови. Неговите книги говорат за **хуманото човечко однесување**, што денес ни е апсолутно неопходно. Кога е разнишан системот на вредностите, тие дела можат да нé подучат на благородно разбирање на животот и на несебично, внимателно етичко однесување.

**Етички мисли од Пјотр Кропоткин**

"Современата наука го учи човекот себеси да се смета само за бесконечно ситна честичка на вселената."

"Солидарноста е голем двигател, кој сто пати ја зголемува енергијата и творечката сила на човекот."

"Ние не сакаме власт над нас. Зар со самото тоа не изјавуваме дека не сакаме ни да владееме над некого?!"

"Љубовта кон вистината е подобрата половина на секое морално учење."

## 69. Вилијам Џејмс
# Сé МОЖЕ ДА БИДЕ ПОДОБРО



Најголемите научници ретко еднострано го разбираат живеењето. Тие имаат своја специјалност, каде што се најзначајни творци, но се интересираат за широчината на постоењето и даваат придонеси за разните прашања и дилеми на човештвото. Бидејќи се бележити мудреци, тие го покажуваат патот по кој луѓето можат да се движат, но понекогаш тоа е толку очигледно, што станува образец на човечкото однесување, можен важен тип на човечкото дејствување. Така стануваат етичари, чие учење се сместува на мапата на етичкиот свет и вредности. Понекогаш и нивното генерално учење е своевидна етичка проекција на човечкото мислење и дејствување, а кон тоа може да им се приклучи и разработена етичка доктрина, која извира од основните размислувања на таквиот творец, но би можело да се изгради и независно како морална активност корисна за човечкиот род. Таков мислител со неколку интересни идеи за етиката беше американскиот филозоф Вилијам Џејмс.

**Вилијам Џејмс** е роден во 1842 година во Њујорк во познато интелектуално семејство. Неговиот **дедо Вилијам** се доселил од Ирска во 1789 година, покажал голема иницијативност и работливост (учествувал во изведбата на каналот Ири, ја раширил трговијата во долината Мохавк - што се историски американски потфати). Умрел истата година кога се родил внукот Вилијам. Таткото **Хенри Џејмс** (1811-1882) како дете настрадал во еден научен експеримент, по што му била исечена ногата. Бил најпознат американски беседник на времето, пријател со Ралф Волдо Емерсон, со англискиот писател Томас Карлајл и со други т.н. американски трансценденталисти (романтичари, што е објаснето во текстот за Емерсон). Се истакнал како следбеник на шведскиот научник **Емануел Сведенборг** (1688-1772), кој создал т.н. Нова црква со учењата за универзалната врска во реалноста, од најситниот елемент сé до Бога, па, иако со Паѓањето човекот е одделен од Бога, може да се врати во духовната сфера со својата слободна волја и ум (инаку сето знаење е заклучено во нас, не ни е лесно достапно, но за тоа треба да ја разбудиме душата - што личи на Сократовиот пристап). Во етиката учел дека злото треба да го избегнуваме затоа што доаѓа од ѓаволот, дека доброто треба да го правиме затоа што доаѓа од Бога, но тоа треба да го правиме од наша волја и инспирација, а да веруваме дека го прави Бог. Сестрата **Алиса Џејмс** (1848-1892) се разболела од рак на градите, се преселила во Англија и таму на својата другарка ѝ диктирала свој "Дневник" за доживувањата, кој и денес се чита. Братот **Хенри Џејмс помладиот** (1843-1916) бил *најпознатиот американски писател*, автор на голем број романи и раскази, со влијание врз англиската и американската култура. Браќата одраснале и се школувале во Европа. Вилијам прво се обидел на студира сликарство, но брзо се префрлил на медицински студии на најстариот американски универзитет бостонски Харвард (1863). Бил член на експедиција во Бразил (1865-66). Потоа студирал во Берлин кај најпознатите германски научници физиологот и физичар *Херман Хелмхолц* (1821-1894) и лекарот

*Рудолф Вирков* (1821-1902). Поконцентрирано студирал природни науки, медицина и физиологија на Харвард, каде што дипломирал медицина (1869). Од 1873-та предава на Харвард анатомија, а од 1875-та психологија. Основач е на **првата лабораторија за експериментална психологија**, со која таа од философска-спекулативна стана егзактна наука (истовремено експериментална психологија со лабораториски мерења во Лајпциг започнаа *Теодор Фехнер*, 1801-1887, и *Вилхелм Вунт*, 1832-1920). Но философијата остана првата и најголема љубов на Џејмс, која ќе се обиде да ја изгради во хармонија со неговите научни познавања.

Првата книга на Џејмс "**Принципи на психологијата**" (1890) е дело што сé уште се чита, што е интересно затоа што во таа наука секој ден се прават чекори напред и ретко некој се занимава со старите трудови. Во двата тома тој комбинира интензивна интроспекција со биолошкиот пристап. Свеста, според Џејмс, е тек, во кој можат да се спојат минатите и сегашните мигови. Тој даде објаснување на *емоциите* (Џејмс-Лангеова теорија) дека зависат од телесната состојба. Емоциите следуваат по доживувањата - ние не бегаме затоа што сме исплашени, туку сме исплашени затоа што бегаме. Свеста, значи, не е ентитет, туку *функција*.

Друг вид истражувања според кои е познат Џејмс се религиозните, всушност психолошко-религиозните. За тоа има напишано 2 книги "**Волја за верување**" (1897) и "**Разновидност на религиското искуство**" (1902). Тој ја чувствува верата и ја сака. Во првата книга укажува дека ние често сме присилени да избираме и дека во таквите мигови може да ја надминуваме фактичноста. Недонесувањето решение значи исто што и донесување негативно решение. Значи, кога решаваме ние бараме и посредни факти, на пример колку правилно постапуваме во животот кога сме избрале. Во таквите избирања низ нас пробива севкупната историја на човечкиот род. Во втората книга тој е еден од првите **плуралисти** во модерната епоха, кој ја истакнува реалната диференцијација на ставовите. Не се бара апсолутно единство на идеите и верувањата, како во дотогашното човечко живеење и етика (всушност, критиката на сколастичките методи кај Френсис Бекон, Декарт и Џон Лок води кон ваква нова позиција на пошироко разбирање). При испитувањето - како вид експериментална, егзактна наука - Џејмс утврдил дека постојат различни верски искуства, особено кај мистиците. Анализите му покажале дека во религијата "има нешто" што го надминува умот, како што и цврстината на религиските ставови дава сведоштво дека верските претпоставки би можеле да бидат вистинити. Двете книги уште се користат.

Од 1885 година Џејмс **предава философија** на Харвард. По научните книги за психологијата и за религијата, тој изложи **нова философска концепција**, која имаше извонредно влијание врз американската мисла и философскиот развој. Тој ја нарече **прагматизам**, според терминот кој го даде **Чарлс Сандерс Пирс** (1839-1914), математичар, хемичар, логичар, професор по философија на науката, кој овој термин (1878) го исказа како дел од *теоријата на значењето* (заедно со синтаксата и семиотиката): "За да го определиме значењето на некоја идеја треба да разгледаме кои практични последици следат од нејзината вистинитост, па севкупноста на тие последици претставува значење на таа идеја" (во 1905 година, откако Вилијам Џејмс и неговите следбеници го развија и популаризираа прагматизмот како *теорија на акција* - Пирс му даде ново име на своето учење *прагматицизам*). Книгата "Прагматизам" на Вилијам Џејмс содржи 8 *предавања* одржани на Институтот Лоуел во Бостон и на Универзитетот Колумбија во Њујорк.

Праматизмот претставува **радикален емпиризам** или **плурализам**, како што ги именува самиот Џејмс. Прагматизмот стана **духовно движење** во САД, прв оригинален американски правец, многу влијателен во целиот свет. Книгата "Прагматизам" е најпопуларна и највлијателна во историјата на американската философија. Џејмс му ја посветува на **Џон Стјуарт Мил** (1806-1873), "од кого се научил на прагматичката отвореност на духот" и посакува да го смета за водач (Мил е еден од највлијателните современи философи, кој го унапреди индуктивниот метод на Френсис Бекон, разви политичка економија која е ефикасна во денешните производствени и синдикалистички односи, прв се застапуваше за слободата на жената, даде придонес кон развојот на парламентарниот систем и избори, направи оригинална етичка теорија *утилитаризам* како најраширена етичка доктрина во развиениот свет, напиша книга "За слободата" како најдобра политичка книга на современото човештво - за скопското книгоиздателство "Метафорум/Епоха" ги преведов и објавив книгите "Прагматизам" од *Вилијам Џејмс*, 1992, и "За слободата" од *Џон Стјуарт Мил*, 1996, како образец за американското и за британското размислување, како што ги преведов и објавив и книгите "Критика на практичниот ум" од *Имануел Кант*, 1993, и "Научна расправа за методот како правилно да го водиме својот ум и да ја бараме вистината во науките" од *Рене Декарт*, 1996, како образец за германското и за француското философско и етичко размислување - тоа беше претставување на главните етички идеи на најнапредните нации во последните векови, сведна презентација на највлијателните оригинални етички погледи на развиените култури).

Во предговорот кон преводот на "Прагматизам" на Џејмс укажав на илузијата дека во Америка нема философска мисла, божемски затоа што се избегнува метафизичко размислување. Не говорев за бројните различни религиски ставови, кои инструираат диференцирани етики (од методистите до квекерите и мормоните). Посочив дека државните документи на новосоздадената САД ги правеа *философски* ориентирани државници (Томас Џеферсон, Александар Хамилтон), инспирирани од Џон Лок, Монтескје и другите модерни европски творци. Ги споменав *Ралф Волдо Емерсон* и *Хенри Дејвид Торо* како оригинални американски автори. Во модерната епоха од САД доаѓаат *најсовремени* идеи - **Фредерик Винслоу Тејлор** (1856-1915) со ергономијата, испитувањето на ефектите на организацијата на трудот, влијаеше најмногу врз производството и врз менаџерството, како базични економски фактори; најплодниот американски философ професорот **Џон Дјуи** (1859-1952), како прв советник на претседателот Френклин Делано Рузвелт, не само да има автентична етика и педагогија, кои се раширени низ целиот свет, туку е и инспиратор за создавање и преземање на посебно подготвената идеја на англискиот логичар и економист *Џон Мајнард Кејнз* (1883-1946) за "државата на благосостојбата"; социјалниот и политички мислител **Џејмс Барнам** (1905-1987) е автор на првата истражувачка книга за новото раководење "Менаџерска револуција" (1941); американските социолози, културолози и антрополози на чело со **Талкот Парсонс** (1902-1979) го развиваат **функционализмот**, откаде произлезе самосвеста дека луѓето можат да направат сѐ, само се потребни ум и средства за тоа (на тоа потсетува алегоричната мисла на претседателот **Џон Кенеди**, 1917-1963, дека, како и старите век пред тоа на Дивиот Запад, треба да се освојат *новите граници* - и даде државна поддршка за испраќање на првиот човек на Месечината 1969-та); математичкиот вундеркинд **Норберт Винер** (1894-1964) учествуваше во создавањето на првите компјутери-вештачки мозоци и е автор на теоријата на **кибернетиката**, каде човекот и машината се поврзуваат за

добивање оптимални резултати; оттука потекнува и современата **информатика**... итн., а тука спаѓаат и бројни современи економисти, социолози, архитекти, биолози и биоетичари (терминот "**биоетика**", најмодерната форма на етиката, како "мост кон иднината", го измисли во 1971-та американскиот биохемичар **Ван Ранселар Потер**, 1911-2001), како и творци во сите гранки на уметноста, посебно во џезот, танцот, филмот, скулптурата..., со значајни духовни влијанија врз слободниот свет. На сите нив прагматизмот им е философска база.

За Вилијам Џејмс основен критериум на сознанието е неговата **практична вредност** (*хел.* прагма = практика), *корисност*. Нема смисла да се водат метафизички расправи, зашто тие не даваат решенија со практично значење - може двете страни во кавгата да имаат право или двете да се во заблуда. На расправиите им нема крај, а Џејмс бара со размислувањето и со дискусиите да се дојде до успешно практично решение. Вистинитоста и успешноста на мислата се проверува во практиката - **ако некоја мисла донесува резултати, таа е добра и вистинита**, а ако *не дава резултати*, треба да се *менува* (а не - инфантилно - да се обвинува реалноста дека таа не чини).

Џејмс сака да ги измири философите кои се расправаат околу проблемите кои немаат практично значење. Но тој не бара помирување и синтеза на различни ставови, туку сака **ставовите да донесуваат успех**. Реалноста ќе реши кој став е вистинит. Реалноста е *отворена*, во неа постојано се случува нешто и настанува нешто ново. Затоа не е можно апстрактно, со неизменети идеи и со непроверни позиции да се толкуваат настаните - така не се наоѓа **потребен одговор**. Нашето мислење треба постојано и секогаш одново да се *проверува* во практиката и да се *адаптира*, за да води кон корисни решенија.

. Со прагматизмот се истакнува значењето на *единката* и на секоја *иницијатива*. Секој човек има **своја философија**, свој поглед за светот. Постојат луѓе со *нежен* дух - тие се приврзаници на *рационализмот* и сметаат само на принципите, тие се, набројува Џејмс, интелектуалисти, идеалисти, оптимисти, религиозни, веруваат во слободната волја, монисти, догматици. Другата сорта луѓе, оние со *жилав* дух - се следбеници на емпиризмот, т.е. се држат за фактите, тие се сензуалисти, материјалисти, песимисти, нерелигиозни, фаталисти, плуралисти, скептици. Од својствата и определбата на човекот зависи снаоѓањето во светот, кој не е дефинитивно завршен, а од нас се очекува наше добро дејствување во него. За таа цел ние треба постојано да сме свртени кон *искуството* и него да го испитуваме, толкуваме и користиме.

Прагматизмот е философија на **активноста** и на **успехот**, нешто "типично американски" (но денес овој поглед е раширен низ светот - тоа е духовен и животен принцип во прогресивните земји, како и во повеќе философски правци). Прагматизмот ја надминува во философијата метафизичката ориентација (иако секој може да ја развива, исто како и религијата, ако мисли дека тие му се корисни, дека му требаат и му донесуваат нешто полезно). Џејмс вели дека нема апсолутни вистини, секоја вистина е вистина "доколку и сé додека" функционира. Вистината не постои како нешто по себе, таа е дел од нас и нашата свест и треба да ни помогне да се снајдеме во светот: "Вистината е настан, процес на нејзиното потврдување на себеси, на нејзиното докажување (како вистина). Нејзина вредност е процесот на *утврдувањето* на нејзината вредност". Прагматизмот ја афирмира деловната психологија, за која е најважно да се покажува **иницијатива** и да се постигнува *успех*. Со англиски израз, мислата треба да покаже дека дејствува, полезна е и дава успех ("it works"), тогаш треба да се следи и задржи. А ако не функционира, не е корисна, не дава успех, туку носи промашувања и донесува порази, губитоци ("it doesn't work"), треба да ја

отфрлиме, да ја поправиме или да си најдеме поефикасна замена. Ова философија е **оптимистичка**, укажува дека луѓето можат со свое ангажирање да најдат излез од секоја ситуација и решение за секој проблем.

Според Џејмс, "философијата е наедно *највозвишена* и *најобична* од сите човечки дејности. Таа дејствува во најситните пукнатинки, а отвора и најшироки видици. Како што се вели, таа "не храни никого", но таа може да ги инспирира нашите души со храброст; а без оглед колку нејзините начини, нејзините сомневања и предвизици, нејзината дребничавост и дијалектика ги одбивале простите луѓе, сепак никој не може да живее без тие блескотни снопови на светлина со кои таа ги осветлува хоризонтите на светот". Така Џејмс ја објаснува и брани смислата на философијата, која треба да стане дел од човечкото живеење и да биде плодоносна за човекот и за дејствувањето.

Џејмс вели дека прагматизмот е *стара философија*, чии форми можат да се најдат уште кај античките мислители, бидејќи мислата луѓето ја развиваат и работат според неа. Делото на Џејмс е полно со големи и поучни зборови за животот, со верба во човековите сили и право на живот, настојување и иднина. Таа е еден дејствен морален императив. Таа го брани *индивидуализмот* како концепција, го докажува правото на човекот на искуство, на своја визија, труд, одбирање и решение (впрочем, и поразите се негови). Највредното е што прагматизмот е **философија на можностите**, ја отвора човековата судбина, му праќа порака на човекот да си ја земе судбата во свои раце. Само, човековите идеи, образложението и неговата акција треба да даваат добри, успешни резултати.

Прагматизмот е една етичка позиција, без која тешко се успева, а која може да ни помогне да се снајдеме и да успееме. Исто така, и во дословната етика Џејмс слично развива "одамна познат" етички став.

Етиката на прагматизмот е **мелиоризам** - т.е. етички е најважно да се *подобруваме* и да се трудиме да *бидеме сѐ подобри.* Тоа може да се направи со добра волја, со преданост и во добро суредена заедница. Тоа е вид утилитаризам, но сконцентриран врз нашето правилно дејствување, кое ќе значи подобро снаоѓање во заедницата и во природата, во односите со луѓето и во обврските, едно општо **подобрување** (*лат.* melior = подобро). Тоа е научна концепција, чија основа се применува во биолошките и во агротехничките науки, како и во педагогијата и во правото (корекција на однесувањето на оние кои направиле престап).

Во прагматизмот тоа е база за увереноста дека во морална смисла **секогаш е можно поправање на целите и на однесувањето**, реалноста е отворена за нашето дејствување, а ние треба да пронаоѓаме подобри начини за да постапуваме (по)исправно и за да се изградуваме себеси како одговорно човечко суштество. Во современата епоха, токму надежта дека е возможно подобрување на состојбите во Природата, во односите помеѓу луѓето, во човечката положба, во унапредувањето на образованието и на здравјето, во давањето помош на страдалниците (сиромашните, заостанатите, инвалидите...) е етичка инспирација за активирање и издржување на преземениот пат. Мелиоризмот не е само морален став како нужно советување на неуките и поправање на грешните, туку генерална визија за можноста за општо подобрување на состојбите, целите и однесувањето. (Зар тоа не е основата и на новиот тренд на **позитивно мислење** и однесување со лозунгот Be positive! = Биди позитивен!)

Вилијам Џејмс е најзначајниот американски философ со оглед на успехот на неговиот прагматизам, кој суштествено го објасни современиот практичен и ефикасен дух и се одрази во разни нови видови сознание. Имаше многу разни

следбеници. Неговиот продолжувач **Џон Дјуи** (1859-1952) е еден од **највлијателните современи светски философи и педагози**. Има напишано 200 книги од сите области на философијата (книгата "Демократијата и образованието" е најпознато дело на современата педагошка теорија; според тие идеи се спроведува денешното општо образование во светот). Бил професор на разни Универзитети, неговите идеи се применувани во повеќе земји, а имал голема функција на главен советник на Председателот Френклин Рузвелт во спасувањето на САД по економската криза и во развојот пред и за време на Втората светска војна.

Идеите на Дјуи се блиски на оние на Џејмс, само со позначајна социјална содржина, додека кај Џејмс е нагласено индивидуалното становиште. Основниот став на Дјуи е дека нештата не треба да се објаснуваат со некои натприродни причини, туку со нивното место и функција во нивната средина. Затоа за Дјуи современата задача на философијата е "на луѓето да им ги разјасни идеите во врска со социјалните и моралните судири денес". Дјуи е против традиционалната философија и метафизичките спекулации, тој бара "**философијата да се реконструира**", што би се направило со *поврзување на теоријата и практиката*, со негирање на апстрактни шеми и со разработка на *научни методи за решавање на проблемите на современиот свет*. Според Дјуи, философијата не се занимава само со истражување на фактите, туку и со критичко прочистување на вредностите на искуството и со *поставување на нови хуманистички решенија*, корисни за социјалните и културните прашања. Философијата има социјално-педагошка функција да служи за **изградба на подобар човек** и на **поправедлив општествен систем**.

Учењето на Дјуи е наречено **инструментализам**. Философијата е слична на физиката и може да стане егзактна наука. Инспириран од теоријата на еволуцијата (учењето на Дарвин го смета за најголем духовен настан на епохата), за Дјуи мислењето е средство за *адаптација на средината*, орган сличен на забите или на рацете. Идеите се експерименти за приспособувањето, кое претставува желба за совладување на животните околности. Затоа не суштествено како ќе го сознаеме надворешниот свет, туку како да научиме да го владееме, да го промениме, а и каква е целта за која тоа го правиме. Сознанието потекнува од реалното искуство. Тоа има вредност само ако служи како **инструмент**, како *средство за практични животни решенија*. Мислењето и сé она што го знаат луѓето е само алатка за успешно средување на сетилните податоци, за завладување со реалноста и за адаптација кон природата. Знаењето, според Дјуи, не е теорија, туку *моќ*, која *не смее да се употреби над луѓето*, туку над природата и да служи за општествениот прогрес.

Прагматизмот често се критикува од застапниците на строгата философија, но тој е раширена и мошне потребна позиција. Во САД дејствуваше бележит философ **Ричард Рорти** (1931-2007), кој се сметаше (нео)прагматист; иако укажуваше дека мислите на Џејмс и Дјуи се од друга епоха и дека денес се развива поинаква философија, па и самиот има забелешки за некои нивни погледи, тој го бранеше прагматизмот, не само затоа што старите прагматисти сметаа дека **прагматизмот и демократијата се поврзани и усогласени визии**. Современите земји, особено неразвиените, имаат потреба од прагматистичката идеја, треба и може да ги промислат и усовршат своите ставови, потребни се сознанија кои ќе дадат успех и резултатите мора да се проверуваат во практиката, инаку треба да се менуваат-подобрат. На крајот на предговорот кон мојот превод на книгата "Прагматизам" од Вилијам Џејмс, кога почнуваше новиот слободен режим (1992), кажав дека "философијата не е некорисно

нешто", дека "времето на прагматизмот доаѓа", дека "од вредноста на избраната философија зависи животниот напредок" и дека сега, кога "животот нé врати на неговите корени", треба да "ги сознаеме неговите вистини" и дека се надевам оти "Прагматизмот" на Џејмс "ќе ни помогне во читањето, разбирањето, духовното прифаќање и интелектуалното отворено гледање на Неприкосновената Вистина - дека треба да се победи за да се има вистински живот".

**Етички мисли на Вилијам Џејмс**

"Философијата не е само стручна работа; таа е наше, повеќе или помалку, немо чувство за она што животот значи чесно и длабоко."

"Човекот не е законодавец на Природата, тој неа ја впијува. Таа стои цврсто; тој нејзе мора да ѝ се приспособи."

"Единствениот критериум на прагматизмот во испитувањето на веројатната вистина е она - што најдобро дејствува, што најдобро "работи", што најдобро успева, што најдобро нé води во нашиот живот, што е најпогодно за секој дел од животот и што се вклопува во целината на барањето на искуството, а при тоа ништо да не биде изоставено."

"Прагматистичко гледиште е дека сите наши теории се *инструментални*, дека тие се духовни модуси за приспособување кон реалноста повеќе отколку откровенија или гностички одговори на некоја од Бога поставена загатка."

"Злото треба наполно да се отфрли, да се турне преку оградата и да се отстрани, помагајќи така во создавањето на еден свет кој ќе ги заборави местото и улогата на злото."

## 70. Владимир Соловјов

# МОРАЛНИ СМЕ ПОРАДИ СРАМЕЊЕТО, СОЧУВСТВОТО И ПОЧИТТА КОН БОГА



Понекогаш не е нужно, ниту можно, да се определи само еден извор и принцип на моралот. Различните усогласени принципи, кои не се спротивни, претставуваат цврста основа за етички објаснувања, а неретко даваат и пореална слика за моралното дејствувања. Во етичкото учење на најпознатиот руски философ Владимир Соловјов доброто во **човечките дела има извор во три начела** - срамот кај луѓето, нивната солидарност-сочувствување и почитувањето на Врховното суштество.

**Владимир Соловјов** е роден во 1853 година во Москва. Татко му Сергеј бил водечки руски историчар. Мајка му потекнувала од сојот на украинскиот мислител Григориј Сковорода. Владимир бил фасциниран од природните науки и почнал да ги студира, но согледал дека има најголем талент за философијата, на која ѝ го посвети целиот живот. Бил **прв руски систематски философ**. Како професор имал исклучителен углед во Москва и во Петроград. Бил пријател со **Фјодор Достоевски** (1821-1881), автор на значајни романи со етичка содржина, кој во познатиот теолошко-етички текст "Легенда за Големиот иквизитор" се потпира врз погледите на Соловјов. Заради еден говор против царскиот деспотизам и терор Соловјова го отстраниле од Универзитетот. Еден цензор му дал негативна оценка: "Тоа е човек со идеи". Потоа бил слободен писател. Често престојувал во странство и одржувал посетени предавања.

Соловјов имал разни културни и историски интересирања и замисли. Сметал дека западната цивилизација е во криза, дека таа, а посебно западната црква, станале жртви на три зла: привлечност на власта, рационализам и материјализам. Соловјов се заложувал за обнова на теократијата, како нешто социјално неопходно кога се забораваат и опаѓаат духовните вредности. Неговото учење за *обединување на разделениӣе хрисӣијански цркви*, дури по половина век ќе се развие во акција под името "екуменизам". Соловјов умрел во 1900 година; неговото дело не е целосно завршено, но етиката е изградена.

Бил противник на материјализмот и позитивизмот, за него повредни философски средства се идеализмот и мистиката (бил под влијание на Спиноза и на Фридрих Шелинг, а ги истражувал и источните философии). Истакнувал дека философијата и теологијата се поврзани, философијата е само подготовка за верските учења. Но, Соловјов не бил теолошки догматик, својата мисла ја нарекол "слободна научна теософија", во која дава *синӣеза на вераӣа со философијаӣа и наукиӣе*. Мислењето не е можно без идејата за апсолутното. Човекот ги спојува природата и Апсолутот, највишата вистина. Како слика на Бога, човекот е повикан да биде "Месија на Вселената". Соловјов ги славел и

унапредувал заедно философијата и теологијата, па го споредувале со еден од втемелувачие на христијанската теологија **Ориген** (185-254).

Книгата на Соловјов "**Оправдување на доброто**" (1897, со поднаслов "Философија на моралот", најобемна творба на Соловјов) е едно од најзначајните современи етички дела. Тој изградил интересно етичко учење врз основа на антрополошката согледба и високите нормативни барања пред човекот (посебно ја почитувал и следел етичката доктрина на Кант). За Соловјов, **доброто е цел на човечкиот живот и дејствување**. Тоа е "вистински предмет на моралната философија", со што тој етиката ја засновува како наука врз емпириски основи (бидејќи религијата не е гарант на моралот).

Доброто е нешто **универзално за луѓето**. Секој народ и племе имаат идеја за доброто, а својот поим на доброто го сметаат за идеал. Но, ако повеќе се ценат дивјаштвото и разбојништвото отколку срамежливоста и сочувството, на доброто му недостасува содржина која би соодветствувала на универзалната форма на доброто. Луѓето имаат разум и се користат со јазик, па на идејата на доброто низ историјата ѝ давале сѐ поцелосна содржина. Етиката ја разработува позитивната содржина на моралноста. Идејата на доброто секогаш е апсолутна норма за човекот, но на таа идеја постапно ѝ се дава достојна содржина, со која се поставуваат морални идеали и барања, кои суштествено ќе бидат општи и нужни. Дури врз нивна основа се прави добро. Предмет на етиката се морални начела и норми кои произлегуваат од сфаќањето на доброто. **Етиката треба да ја разработува идејата на доброто во луѓето** и да ги образложува практичните вистини кои со логична нужност следат од неа. Затоа етиката е самостојна наука, но може да биде поврзана со религијата, бидејќи верата може да даде поттик за добри дела.

Моралноста е состојка на самата човечка природа. Таа е **центар на човековото суштествување**, она што битно го карактеризира човека. Моралот и совеста на човекот му зборуваат не само што е добро и зло, туку и што треба да прави, а што да избегнува. Според Соловјов, задоволството, среќата или користа не можат да станат општи принципи на дејствувањето, затоа што се однесуваат на нешто случајно и посакувано, а принципот треба да биде општ и обврзувачки. Има едно такво темелно чувство, кого го нема ни кај највишите видови животни, а се јавува и кај најпримитивните човечки раси. И најнеразвиениот и најдив човек се срами. **Срамењето** е став за она **што не би требало да биде**. Оваа психолошка појава ги задоволува човековиот нагон и потреби, а корисна е, исто така, и за одржувањето на видот. Човекот е суштество кое знае дека е одговорно за своето дејствување и има релација кон тоа. Срамот е чувство, белег што човекот го разликува од сите други живи суштества. Во старите записи пишува дека луѓето правеле разни дела, спротивни на денешниот морал, но и тие имале чувство на срам; овој не е непознат во ниедна човечка култура. Појавата на срамот од најстарите времиња и неговото развивање се знак за цивилизацијата.

На оваа биолошко-историска дескрипција на значењето на срамот за човечкото суштествување Соловјов надоврзува антрополошко објаснување. Имено, со срамот човекот покажува дека не е просто материја, туку дека има способност да се крене над својата материјална основа: "Кој се срами, со тој психички акт се одделува од она од што се срами... Кога имам срам заради својата материјална природа, токму со тоа покажувам дека не сум нешто исто како таа". Срамот се јавува кога материјалната природа почнува да здобива моќ над човекот. Човекот се брани од таквите напади. Срамот зборува дека материјалната природа како нешто пониско не смее да владее над човекот. Со

тоа човекот придобива внатрешна самостојност наспроти материјалноста, како и достоинство дека има таква моќ. Чувството на срамот е **прв темел** на моралната самосвест, прв степен на моралноста.

Срамот се однесува на оние елементи кои се пониски од човековиот живот или нему му се суштествено подредени. Првичната морална свест претставува реакција на духовната природа на опасностите што нејзе ѝ се закануваат од пониските моќи - телесните страсти, егоизмот и дивите нагони. Овие имаат амбиција да ја притиснат и отфрлат човековата духовност: "Човекот е морално суштество поради неговата способност да реагира така (со срам и со ограничување на пониските нагони)".

Но, човекот живее со другите луѓе и со слични суштества. Тука се јавува **второто основно морално чувство** - сочувствување, **сострадалништво**. При страдањето што го чувствува заради патилата или незадоволените позитивни потреби на другата личност, човекот реагира болно, солидарен е со страдалниците. Ова чувство може да се сретне и кај животните, па, според Соловјов, тоа не е резултат на доцнежниот развиток на човештвото. Тоа е типично чувство за заедничкото живеење и за социјалните контакти. Чувството на сожалување означува дека помеѓу суштествата постои **љубов**.

Срамењето и сочувството се базични сили на моралот: "Со чувствата на срам и со сострадалништвото во нас темелно се определува нашето морално однесување - првин кон нашата материјална природа и, потоа, кон сите други живи суштества. Додека човекот има срам и додека сочувствува (љуби) тој постапува морално кон себе самиот и кон своите блиски; наспроти тоа, бесрамноста и нечувствителноста го поткопуваат во самиот корен неговиот етички карактер".

За моралната свест е важно и **третото чувство**, еден нејзин особен вруток - стравопочитта. Ова чувство кон возвишеното е различно од срамот и сочувството, станува збор за морален извор, кој не се сведува на другите два. **Стравопочитувањето** го определува човековиот однос кон она што е повисоко од човекот - кон Бог, "од кого човекот не се срами и кого не може да го сожалува, туку мора да му се восхитува и да се поклонува пред него". Како највиша вистина, апсолутен дух, Бог се сознава со непосредно чувствување. Тој е апсолутно добро на животот и цел на секое човечко дејствување. За Соловјов, **Христос е најголемиот морален идеал** кого Бог им го дал на луѓето. Така етиката на Соловјов е и патоказ кој нé води до апсолутната вистина на животот, до Бога.

Овие три извори ја определуваат севкупноста на моралот, кој зависи од односот на човекот кон материјалната природа (она што е пониско од човекот), кон ближниот и сличните суштества (она што е еднакво на човекот) и кон Апсолутното (она што е повисоко од човекот): "Вечни и постојани темели на моралниот живот на човештвото се власта над материјалното постоење и сетилност, солидарноста со живите суштества и внатрешното, доброволно потчинување на натчовечкиот принцип-изворник".

Тука не е крајот на Соловјовото објаснување на моралната суштина и целост. Способноста на човекот за морал - да реагира со срам, сочувство и стравопочит - останува неопределена ако моралните темели не се конкретизираат во *норми*, кои ќе значат практична примена на етичките начела. Според Соловјов, вредностите-добродетелите, формата низ која се јавуваат моралните начела, се само варијации на етичките врутоци или резултат на нивното меѓусебно влијание. Моралноста не е само човеков стремеж кон доброто, туку насоченост кон морална практика (која тој ја испитува во

различни сфери на човечкото живеење). **Добродетелта е правило за дејствување**. Добродетелниот е човек "каков што би требало да биде", тој треба така да дејствува. Моралноста е насоченост, напрегање, "определена должност".

Основните добродетели, според Соловјов, се умереноста, моралната снага, праведноста и разумноста. **Умереноста** е воздржаност кон срамните околности или дејства кои не се достојни за човековата личност, а значи нивно ограничување и отклонување. Моралната сила е еднаква со **храброста** како наше воздигнување над материјалната страна на нашата природа и воспоставување власт над неа; смислата е човечкиот дух да се крене над пониските материјални елементи (така оваа моралност е поврзана со срамот како прв темел на етиката). **Разумноста** е своевидна мудрост која се базира врз согледбата кои средства најдобро служат за поставените цели. Станува збор за **најдобриот начин** како да се постигнат најдобри цели. **Праведноста** е синоним за "она што би требало да биде", таа е она што е исправно или што е справедливо, како основна смисла на *алтруизмот*, кој правото за живот и за наши добра, што си ги бараме за себе, им ги признаваме и им ги овозможуваме и на другите луѓе (тука спаѓаат и правдината и милосрдноста).

Покрај основните добродетели, Соловјов објаснува и низа вторични добродетели, кои се исто така израз на моралните начела и нужни се за човечен живот: великодушност, несебичност, дарежливост, вистинољубивост и трпеливост. Нивното значење зависи од моралните принципи и тие може понекогаш да се пренебрегнат; апсолутно значење имаат само моралните начела, тие имаат вредност во сите околности и не е дозволен никаков нивни исклучок.

Посебно истакнуваме дека Соловјов во своето капитално етичко дело "Оправдување на доброто" истакнува една *двојна* етичка норма, која е составена од две вредности, кои секако треба да бидат исполнети. Соловјов ја објасни современата идеја за двојната нужност на етичкото однесување: **избегни да ги повредиш** другите, а кога можеш **помагај** му на другиот. Тоа е така затоа што, всушност, нема бездна помеѓу мене и другите. Соловјов укажува дека јас треба да бидам сé за другите. Тоа го разјаснува со принципот на *алтруизмот* - нема на другиот да му нанесувам страдање или да го повредувам, а кога тој независно од мене е во таква страдалничка состојба, јас ќе му помагам. Поврзувајќи го начелото на алтруизмот со *Златното етичко правило* - и приведувајќи ги неговите две формулации: Не му прави на другиот она што не сакаш тебе другите да ти го прават! и: Прави им на другите сé она што би сакал и тие тебе да ти го прават! - Соловјов нив ги спојува во правило: **Никогаш никого не повредувај, ако можеш помагај на сите!** (Neminem leade, imo omnes, quatum potes, juva). Ова го презел од Артур Шопенхауер, но Соловјов му даде гласност пред 120 години и мошне големо етичко значење. Денес - преку индиските етичари - овој етички лозунг стана мошне модерен и може насекаде по светот да се види и јавно истакнат, на англиски јазик, во стих: **Hurt never, help ever**. Ефикасно може да послужи како потпора за проверка на секоја своја дилема или дело. Вака *Соловјов* прекрасно го анализира моралниот феномен, втемелен во човечката душа.

Првото, споменатото негативно правило, е правило на справедливоста, а второто - правило на милосрдноста. Меѓутоа, и во основата на второто правило исто така лежи справедливоста - ако сакам другите да ми помагаат, кога сум сиромашен или кога страдам, справедливо е и јас ним да им помагам. Од друга страна, ако не сакам никого да повредам, тоа е така затоа што јас гледам дека и другите кои страдаат се живи суштества, каков што сум и јас. Во таков случај јас

исто тако ќе се грижам колку-годе е можно да ги спасам тие суштества од маките: нема да ги повредувам и ќе им помагам. "Милосрдноста ја претпоставува справедливоста, а справедливоста ја бара милосрдноста - тоа се само различни страни на една иста појава".

Вака Владимир Соловјов во научна форма ги изложи основите на етиката. Тоа е прво целосно научно изложување на етиката во руската мисла (која има повеќе интересни борци за етиката и за праведноста). Заедно со Соловјов и непосредно по него со своите бележити етички искажувања се истакнаа корифејот на анархистичката етика Пјотр Кропоткин и највлијателниот универзален етичар на современото човештво Лав Толстој. Соловјов имал многу ученици и приврзаници - Трубецкој, Лоски, Николај Берѓаев, Симон Франк, Сергеј Булгаков и други. Марксистите-болшевиците ја критикуваа и отфрлаа неговата мисла и не дозволуваа да се објавуваат неговите трудови, дури ни да се споменува неговото име, но во последниве години и во Русија и во целиот свет со големо внимание се студираат етичките идеи на Владимир Соловјов.

**Етички мисли од Владимир Соловјов**

“Секое морално учење би останало без сила и би било неплодно ако не би имало цврста опора во моралната природа на самиот човек.“

“Совеста е реално душевно јадро на сето човечко добро; таа го карактеризира човекот како морално суштество.“

“Зборот “срам“ во сите јазици се однесува на повредата на моралните барања, која не може да се одобрува.“

“Смислата на она што го зборуваат срамот и совеста е исто: тоа не е добро, тоа не треба да биде, тоа е недостојно.“

# 71. Жан-Мари Гијо
# МОРАЛ БЕЗ ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ И БЕЗ САНКЦИИ



Еволуционизмот беше општо сознание кон средината на XIX. век, не само научно откритие на **Чарлс Дарвин** (1809-1882) во областа на биологијата и на антропологијата. Еволуционизмот учи дека сите нешта произлегуваат од развојното движење на нивните потенцијали. Тоа се насетуваше и во Антиката и во модерната епоха пред букнувањето на еволуционистичката теорија. Американскиот философ **Џон Дјуи** (1859-1952) оцени дека еволуционизмот е најзначајна пресвртница во научната историја.

Многу модерни философи, како **Херберт Спенсер** (1920-1903), **Фридрих Ниче** (1844-1900) и др. своите погледи ќе ги градат во согласност со таа доктрина или како развивање на некои нејзини точки, а некои ќе изградат и специјални социјални и етички концепции врз таква основа. Еден млад и ентузијазиран француски мислител Жан-Мари Гијо ќе го направи токму тоа, ќе изгради таква **оригинална етичка концепција**.

**Жан-Мари Гијо** е роден во Париз во 1854 година. Мајка му се премажила за познатиот философ Алфред Фуије, кој му станал духовен татко на момчето. Бил одлично образован, врз класичната философија на Платон, Епикур и Епиктет, но и врз најмодерната литература и врз сознанијата на социологија, природната наука и естетиката. До 34-та година, колку што живеел со слабо здравје, напишал доста книги, кои се бележити дури и во богатата француска философска книжнина. Оставил книги за педагогијата, естетиката и за религијата, како и неколку етички дела "Моралот на Епикур и неговите релации со современите учења" (1878), "Современиот англиски морал" (1879) и исклучителното дело "Скици за еден морал без обврски и без санкции" (1885). "Стиховите на еден философ" (1881) ги дополнуваат неговите таленти и погледи за светот. Починал во 1888 година.

**Алфред Фуије** (1838-1912), очувот на Гијо, бил мошне плоден и познат философ. За нашите потреби ќе потсетиме на неговото учење за **идејата-сила**, т.е. дека секоја идеја ја поттикнува волјата и ни дава сила да дејствуваме. Во етиката говори за поврзаноста на единките, т.е. за нивната неразлачност во општеството: "Не можам да бидам свесен за себеси, а да не сум свесен за другиот". Затоа ја поправа Декартовата изјава "Мислам значи постојам" во "Мислам, значи ние постоиме" (Cogito ergo sum во **Cogito ergo sumus**). Самата свест за себеси претставува органско воспоставување на другите, живеење со другите. Алтруизмот го оправдува егоизмот, покажува дека јас не можам да се одржам без другите, дека е нужна *солидарноста* не само за заедничкото живеење, туку и за мојата лична опстојба.

Станува збор за нов период, речиси столетие по Француската револуција, со големи технички и хемиски откритија, кои ја развија индустријата, како и со нови релации помеѓу луѓето (забрането е ропството во светот и укинато е крепостништвото во Русија, Западот го открива Исток, се истражуваат Африка, американскиот Запад и Сибир, започнува помодерниот подем на Јапонија, Кина и

Индија...), почнува да се твори со нови стилови и се развива демократијата, која **Абрахам Линколн** (1809-1865) инспиративно ја опиша како *власт на народот, од народот и за народот*, што значи дека се менува и односот индивидуа-општество (демократијата не е само вид власт, како што се мислеше до Ренесансата, туку суштина на новите меѓучовечки релации и на општата политика). Се развива образованието, се умножуваат лабораториите и научните експерименти, се примаат први студентки на универзитетите, таму почнаа да работат научници, како што е денес, а дотогаш главно предаваа свештеници, додека големите научници дејствуваа самостојно. Затоа за еден модерен писател како Гијо *педагогијата* е значајна философска тема. Во книгата "Воспитувањето и наследството" (1889) тој ја истакнува **педагогијата како област за сообразување на интересите на единката и општеството**. Во образованието, на единката треба да ѝ се обезбедат најшироки дострели, а истовремено да се реализираат општествените интереси. Младата личност се образува заради себеси. Индивидуалниот интензитет и социјалниот екстензитет ќе се реализираат ако кај младите хармонично се развијат сите потенцијали кои се својствени за човекот како вид, а ако детето има некоја посебна способност, на неа треба да се внимава, но не на штета на хармонијата. Во воспитувањето исто така треба да се отстранат сите инстинктивни наклонетости што би можеле да ја растројат индивидуалната и заедничката хармонија. Како пред него **Мишел де Монтењ** (1533-1592), и Гијо сметал дека врз малечките глави не треба многу да се трупа, туку тие да се изградуваат разумно, да располагаат со методи, а не со запаметени содржини. Гијо бара децата внимателно да се воспитуваат како суштества што чувствуваат, "срцата да бидат добро поставени". Само исправно изградена личност може да го прифати и натаму да го пренесе наследството, традицијата, и да твори.

Иако бара во образованието да се воведе и религиска настава, како значајна за обликувањето на личноста (а таа во Франција веќе е одделена од граѓанското воспитување), во интересната книга "И-религијата (безверјето) на иднината" (1887) Гијо покажува дека е **минато времето на големото значење и доминација на религијата** во човечкиот живот. Гијо вели дека ќе нема религија во иднината, како што ќе нема ни алхемија ни астрологија. Замена за сѐ е *науката*. Науката нема да биде ни и-религија ни а-религија, а ниту анти-религија, бидејќи и самата има димензии на религија: "Науката не значи презир на моралната основа на античките религии. Да се биде надвор од религијата не значи да се биде против религијата. И во иднината треба да се задржат најубавите чувства и да се задржи испитувањето на индивидуалните и на општествените идеали во космичката средина, која ќе ја надминува сегашната реалност". Всушност, ирелигијата на иднината, според Гијо, ќе биде вид метафизичко-космичка поезија, која ќе ја дополнува духовната целина на човекот.

Кај Гијо проблеснува **естетска** инспирација. Во книгите "Проблемите на современата естетика" (1884) и "Уметноста од социолошко становиште" (постхумно 1889), Гијо развива автентични ставови. Тој не смета, како **Фридрих Шилер** (1759-1895), дека уметноста е *игра*. Со играта се развива само некој дел на личноста, а **уметноста го потресува сето наше суштество**. Уметноста е свест за хармонијата на животот и природата, таа е задоволството што го чувствуваме при секоја комуникација со некоја хармонија. Убавото е израз на задоволството. А среќата ги зближува луѓето, не може да се биде среќен сам. Уметноста има *етичка функција* - да ги зближува луѓето и морално да ги воздигнува. Затоа Гијо говори за "социолошко становиште", не како за определен тип на општествени

односи, туку во смисла на ширење на нашата егзистенција врз сите суштества и врз севкупната природа. Уметникот има симпатија за општественоста, за заемниот живот: "Уметничката емоција суштествено е општествена, бидејќи со неа ние се вживуваме во сите нешта и во сите суштества, па се здобиваме со универзално чувство за реалноста на природата, на сите живи и неживи нешта". Поради тоа, **вистинската цел на уметноста е изразување на животот**. Бидејќи животот е сé и сé е живот и сé има своја животна експанзија, вистинската уметност Гијо ја идентифицира со метафизиката, таа "го сфаќа и изразува духот на нештата", "она што индивидуите ги врзува со целоста, а секој миг со вечноста". Затоа "уметноста не може да биде никаква игра, туку таа е внатрешно чувствување на животот во неговата целост и во секоја негова пројава", таа ја изразува хармонијата на животот и секоја негова експанзија, која е основен закон на секој животен развиток". Кога уметничкото дело е најдобро, тоа исполнува *етичка функција*. Тогаш таа е добродетел, "уметноста се чувствува како нешто благородно. Убавината прави индивидуата да се чувствува општествена, уметноста го воздигнува меѓусобното сочувствување на единките".

Најзначајниот **придонес на Гијо е во етиката**. Неговиот еволуционизам е индивидуалистички, изразува посебно етичко-естетско размислување. Не станува збор за механизам на развојот, туку за развојна динамика како дело на творечките личности, за своевидна животна *интензивност* и *екстензивност*. Гијо гради философија на слободата и на индивидуалниот хероизам, тој го акцентира *творечкиот* стремеж и дело.

Гијо не расправа за конкретен морал и дефинирани вредности и норми, туку говори за моралот како нешто целосно индивидуално. Иако ја истакнува општественоста, тоа за него повеќе е милје за дејствување на индивидуите. Во философска смисла, тој е позитивист и еволуционист, верува само во искуството и фактите. Науката ги покажува фактите, така што само со научните истражување може да се стигне до вистината и до откривањето на реалноста. Науката покажува дека **слободата е врвна цел и вредност** на човекот, таа овозможува дејствување на единката и ги открива нејзините граници. За науката, моралните принципи се закостенети, свенати, бидејќи сиот морал е играден врз умот. Гијо го открива другиот фактор на етиката на личноста - *инстинктот*. Затоа Гијо станува против интелектуализираниот морал, на пример, на Просветителството. Треба **да се живее според инстинктот**, само така може да се реализира онаа *спонтаност*, која го движи развитокот на човекот во општеството и во светот. Етиката треба да ги усогласува двата фактори - умот и инстинктот.

Целта на животот е да биде што *поинтензивен* и што *поекстензивен*, и длабоко духовно и силно физичко живеење. Истовремено треба да живееме и во себеси и во другите, треба да има *единство на егоизмот и алтруизмот*, кои во интелектуалистичките етики се исклучуваат. Ова единство, според Гијо, ќе биде вистинска "**морална плодност**". Интензитетот не може да се оствари без екстензитетот, т.е. без живеењето не само за себе, туку и за другите. Ќе каже: "Живеј за другите, за во себе да живееш поинтензивно!" Ова е откритие на етичката наука, тој вели тоа се факти од практиката. Ако чувството не се споделува со другиот, тоа е бледо и брзо згаснува. Неподелената радост не донесува радување. Живеењето е заработка за себе ако е себетрошење за другите. Дури ако станува збор за жртвување за некој да придобие нешто, дури и за жртвување на животот во одредени услови и цели, тоа не е загубување, туку експанзивност на животот, која се пренесува врз другите.

Гијо прави **откритие во етиката**. Прочуениот принцип на Имануел Кант - *Треба, значи можам!*, Гијо го пресвртува во принцип - **Можам, значи треба!** Двата се етички активистички, но кај првиот изворот е во обврската, а кај Гијо неговиот избор е во својот откриен потенцијал, кој сум готов да го ставам на услуга на моралот, во служба за другиот. Значи, откриено е ново интересно етичко правило.

Вистинската оригинална етичка доктрина на Гијо се однесува на **морал без обврски и без санкции** (таков е и насловот на неговата најзначајна етичка книга "Esquise d'une morale sans obligation ni sanction"). Не се добива ништо со притисоци, налози, заповеди, хетерономија. Самата личност во развиената цивилизација-општественост (што на сличен начин, но со други образложувања и објаснети вредности го прави и неговиот современик *Херберт Спенсер*) се развила до стадиум на разбирање на суштината на моралноста, која е интеракција на егоизмот и алтруизмот. Во секоја личност во идната заедница (која Гијо, умрен млад, не можеше да ја дочека, но веруваше во таквата нејзина законитост) етичкиот дух и интерес ќе бидат толку развиени што ќе нема потреба од етичко присилување, ниту од ветување награди, ниту од заканување со казни за вистинско етичко постапување. **Етиката ќе извира спонтано, инстинктивно, како внатрешна потреба на личноста**. Така Гијо ја разви *еволуционистичката* идеја во разните области на индивидуалниот и социјалниот живот, објаснувајќи каде ќе тргне современиот човек во својата моралност, небаре е дојдена *совршеноста*, замислена од древните етичари.

Како споредба, за тој проблем расправа и неговиот малку постар современик **Фридрих Ниче** (1844-1900). Станува збор за истата *еволуционистичка дилема* поттикната од Дарвиновите откритија - што ќе се случи со човекот сега, откако е откриено дека се развил од другите суштества, или барем дека самиот се развил од своите примитивни состојби? На каде ќе оди развојот на суштеството човек? - Ниче не дал таква естетско-етичка позитивна визија како Гијо, туку открил, навестил и предложил создавање на **натчовек** (Uebermensch), за кого бил сигурен дека ќе се развие, како научна неминовност од развојната законитост на човечкото суштествување. Во шега, критикувајќи го моралот како примитивен апарат за контрола и манипулација на луѓето, како и социјализмот кој зборува за човечката еднаквост, тој на големиот Натчовек иронично му го даде името на првиот етичар Заратустра (во прочуената книга "Така зборуваше Заратустра"). Потоа *Адолф Хитлер* (1889-1945) и неговите "научни толкувачи" *Алфред Розенберг* (1893-1946) и *Јозеф Гебелс* (1897-1945), занесени од расистичките доктрини и од желбата германскиот народ и држава да имаат "иљададагодишна" власт над светот, тиа поттикнаа теорија за натчовечкиот карактер на Ариевците, а сега на Германите, и при тоаројавија најнегативна деградација и уништување на луѓето во модерната епоха (тоа си го нарекуваа *национал-социјализам*, *нацизам*, што со сличниот поим *фашизам* е една од денешните најпогрдни морални дисквалификации). Социјализмот, врз кого Ниче се нафрли со навреди, не испадна најдобар во својата комунистичко-болшевичка варијанта и пропадна. А Гијо пледираше дека ќе дојде социјализам за доброто на луѓето, како што и се случи во Австралија и во другите земји, кои ги почитуваат луѓето.

Уште нема морал без обврски и без санкции, кога луѓето самите ќе си ги определуваат своите морални цели и постапки - но *екологијата*, име и производ на Дарвиновите следбеници, донесе нови мошне задолжителни етички сознанија за чувањето на Природата. Идејата на Гијо за доброто е нашето инсипиративно позитивно однесување и надеж на светот.

**Етички мисли на Жан-Мари Гијо**

"Можам, значи треба!"

"Должноста е израз на животот, кој бара да се живее, да се дава."

"Дејствувањето е продолжување на идејата."

"Ниедна рака не нé води, ниедно око не гледа за нас... Тоа е наша задача."

"Братството исклучува разменска правдина, едно сметачко давање, постапка која може точно да измери и изедначи; добрата волја не смета на возвраќање, таа дава двојно, дури десетпати повеќе. При идејата за точна распределба, дури и ако е *морална*, не станува збор за братство."

# 72. Анри Бергсон
## МОРАЛОТ Е И ПРИТИСОК И ВИЗИЈА



Модерната научна мисла се труди да го испитува моралот непристрасно, објективно. Не е лесно да се создаде единствена формула за етичката целост, која е **комплекс од разни човекови функции и дејства**. Еден од најинтересните посеопфатни современи научни согледби за моралот даде францускиот филозоф Анри Бергсон.

**Анри Бергсон** е роден во 1859 година во Париз. Татко му бил прочуен музичар. Како млад добил голема награда за одлично решен математички проблем, но, заради начинот на решавањето, професорот оценил дека би можел да биде математичар, но дека ќе стане филозоф. Бергсон предавал во разни гимназии во провинцијата и во големите училишта во Париз. Од 1900-та е професор на најпрочуениот факултет "Колеж на Франција", а неговите предавања во петок биле културен настан. Напишал многу книги и имал убав допадлив стил, го нарекувале "филозоф-поет". Главното дело "Творечка еволуција" (1907) му донело светска слава. Бил член и претседател на најпрочуената научна институција Француска академија. По Првата светска војна бил претседател на **Комисијата за светска духовна соработка** на новооснованото Друштво на народите. Имал многу пријатели уметници и влијаел врз нивното творештво. Во 1927 година ја добил **Нобеловата награда** за литература. За време на Втората светска војна, иако стар и болен, во окупираниот Париз нацистите го присилувале да се јавува редовно во канцеларијата за попис на француските Евреи. Умрел премален во 1941 година.

Бергсон изразил *отпор кон позитивистичките* настојувања во епохата на силниот развиток на науките и на техниката. Во времето кога научниот дух ја отфрлал метафизиката, тој тврдел дека таа е единствениот вистински начин на филозофирање. Науките имаат вредност и потребни се за животот, но апсолутното може да се открие само со филозофски пристап. Бергсон бил инспириран од идеите за слободата на творештвото на француските мислители **Жил Лашелје** (1832-1918) и **Емил Бутру** (1845-1921), кои го критикувале механицизмот во толкувањето на природата и учеле дека **човекот е самопродукт на своите решенија**, дека се создава самиот себеси (првото дело "Есеј за непосредните факти на свеста" Бергсон го посветил на својот учител Лашелје).

За Бергсон, волјата ѝ претходи на свеста, актите на волјата се пред мислата. Тој ја брани **автономијата на духовното наспроти телесното**; духовното не зависи од детерминацијата на процесите во мозокот. Разумското сознание е во служба на човековото живеење и дејствување, помага за практиката и претставува барање на патишта со кои човекот се приспособува на животните услови и интереси. Но, филозофскиот пристап е поинаков - до него не се доаѓа со постапно истражување на фактите или со насобирање на сето знаење. Филозофското откритие е "блесок на јаснотија". Бергсон бара такво директно

навлегување во проблемот, надминување на релативните сознанија и *непосредно откривање* на апсолутното.

Научниот пристап, според Бергсон, ја открива логиката на цврстите тела и на безживотната материја; философскиот пат го разгатнува траењето на животот, непосредно го дофаќа битието во неговата творечка целост. **Иинтуцијата** е доживелица која им претходи на судовите и на логичкото мислење. Со интуицијата се открива и суштината на сето што постои и суштината на личноста која сознава. Наспроти природонаучните сознанија, кои се статични слики, со интуицијата може да се здогледа динамичноста на животот и да се открие вистината за реалноста.

Така Бергсон **поаѓа од субјектот**. Основниот, дури единствениот проблем на философијата е животот. Тој може да биде разбран од нас само затоа што сме живи - движењето го разбираме затоа што сме внатрешно подвижни, а тоа што сме слободни во нашата длабочина ни овозможува да ја разбереме *творечката еволуција*, во која се случуваат сите форми на животот. Според Бергсон, на философијата ѝ припаѓа доменот на *времето*, додека науките се однесуваат на *просторот*; философијата тргнува од душата и ја испитува свеста, науките се занимаваат со телото и материјата; философијата ја открива *слободата*, науката се занимава со *нужноста*. Разумот мери, брои, анализира; интуицијата по непосреден пат ги открива траењето и творештвото, животот, внатрешноста, суштината на творечкото.

Творечките димензии се сосредоточени во агенсот, кој може да се открие во сите животни појави. Бергсон го нарече "**животен елан**", полет и подем на животот. Во сите животни слоеви виталниот елан предизвикува нови животни форми. Тој е подвижник на сето движење и развиток; секогаш е свртен *кон иднината*. Творештвото не може да се пресмета однапред, за него нема шеми, постојано можат да настануваат нови, непредвидливи форми на животот од безбројните можности на битието, коешто самото е вечен агенс на постоењето. Светот и животот се секогаш во настанување. Нема статично постоење, тоа е погрешна слика на разумот. Во светот и во животот има **непрестаен полет и творештво**. Карактеристика на сето што постои е активноста.

Во оваа смисла е изградена исто така и етичката теорија на Бергсон во книгата "**Два извори на моралот и на религијата**" (1932). Од различните начини на човечкото живеење настанале **два типа луѓе и два вида морал**. Едниот е попримитивен, тој уште е доминантен во општеството, како **притисок** врз личноста да реализира нужни морални норми. Вториот настанал подоцна, резултат е на изворните духовни човечки квалитети и го претставува **прогресивниот дух на слободната личност**.

Така се развиваат два вида морал - "затворен" и "отворен" (идејата подоцна ќе ја искористи *Карл Попер*, 1902-1994, во прочуената обемна студија за *отвореното општество*, 1945, најпозната либералистичка книга во XX век).

При затворениот морал, според Бергсон, станува збор за она што се нарекува *морал на една определена заедница*, тоа е "**обврска** која ја наметнува општеството" (слични идеи изложил неговиот врсник и другар познатиот француски социолог **Емил Диркем**, 1858-1917, создавач на научната историја на моралот и обичаите, кој испитувал морални ставови во неразвиените општества, а и логика и развој на поделбата на трудот и на *солидарноста* како вредност која се раѓа од заедничкото живеење и работење). Бергсон покажува дека станува збор за ставови и за норми за дејствување наложени на човекот и за постапки што овој ги прави од *навика* или од *солидарност кон заедницата*: "Секој од нас му припаѓа на општеството исто толку колку и на себе самиот".

Овие наложени дејства се слични на инстинктите кај животните, реакциите имаат своја форма и *стандардизирани* се: "Општеството ѝ ја определува на единката програмата за нејзино секојдневно живеење". Овие дејства луѓето ги прават во замена за заштитата што ја уживаат во заедницата, станува збор за еден вид "сојуз", за којшто се согласни личностите во неа. Животот кој соодветствува на ваков строг, еднаков, наметнат морал е поблизок до животот на животните во нивните заедници отколку на слободните луѓе кои се поврзани слободно. "Затвореното општество" има свои форми на односи, брак, роднинство, народ, во него се ограничени изборот и слободата на единката. Моралните дејности во ваквото општество се случуваат како автоматски постапки, како навики. Моралот има функционална цел за опстанок и просперитет на заедницата, а луѓето дословно му се подредени: "Во цивилизираното општество моралното дејствување се базира пред сѐ на разумот, инаку како би знаеле што треба да правиме во секој посебен случај".

Секое вакво општество има свои начела и цели, а нивните морали не се исти според содржината, иако се исти според формата. Моралот на една заедница не е валиден за другата. Тие често се во конфликт, ги истакнуваат своите морални разлики и тие се извор за непријателства и судири.

Во "отворениот морал" станува збор за **креативна** етичка димензија на човечкото суштествување. Тој морал го откриваат, обликуваат, предлагаат и реализираат "исклучителните личности". Тие се **херои на животот**, некој вид виш тип луѓе. Тие понудуваат претстава за вистинската моралност, која Бергсон ја нарекува "апсолутна моралност". Начелата на тој морал не се широко познати во општеството, ниту се применуваат масовно. Нивниот извор не е заедницата, туку **големите етички личности**. Таквите принципи ги создава единката која во себе го почувствувала повикот на слободата и сака да му даде свој придонес; тоа Бергсон го нарече "напор за творење". Таквата единка е насочена кон нешто повише, кон она што е *подобро* од она што сега важи во општеството. Етичките принципи на творечките личности се изнајдени со нивната интуиција, со непосредното сфаќање на целината на животот и на неговите длабочини. Тие се носени од *љубовта*. Тие имаат "отворена душа" (блиску на ова е прекарот на Ганди Махатма - "голема душа". кој го доби со предлагањето и застапувањето на исклучителниот морал на самопрегор и ненасилство).

Творечките етички личности говорат дека во нив се јавува "чувство на ослободување". Тие се рамнодушни кон благосостојбата, задоволствата, богатството, кон сѐ она за што се врзува мнозинството луѓе. Во таа слобода тие најнапред чувствуваат леснотија, а потоа радост. Тоа е "одење натаму", а за тоа треба да се остави тешкиот багаж што притиска. Се создава "поцелосна човечност". Раздвижената душа сочувствува со другите души, ја надоместува чувствената неподвижност што луѓето ја имаат во затворените општества. Таквата душа не се плаши од пречките, таа има "сила на еден стремеж или на еден полет" - кој, според Бергсон, довел до создавањето на човечкиот род, до општествениот живот воопшто. Но, начелото на движењето тука дејствува непосредно, а не со посредство на општествените механизми, кои всушност него го запираат.

Таквите личности немаат обрасци, но стануваат **обрасци** за оние луѓе кои ќе дојдат по нив. Тие изложуваат прогресивни начела, кои најчесто ќе се реализираат подоцна; начелата не се наменети за сегашнината, туку за *иднината*. Луѓето кои се извршители на "затворениот морал" се против ваквите модерни визии и зафати и влегуваат во судир со моралните творци. Но, новите генерации се воодушевуваат од новите принципи, зашто тие се повистински

начела на животот и претставуваат за новите луѓе валидна слика за вредноста на живеењето.

Принципите на **творечкиот морал** ги надминуваат рамките на затворените општества, тие не се извор за непријателство и судири помеѓу заедниците. Тие стануват **највиши етички начела за целото човештво**, бидејќи се однесуваат на човекот воопшто. Бергсон изразил скепса дека ќе дојде до општо поврзување на човештвото во *една* морална заедница (т.е. дека нема да се создаде универзален морал), односно велел дека и натаму ќе останат поделбите на заедниците со оглед на нивниот затворен морал, но дека ќе расте универзалната улога на моралните творци кон отворање и постапно поврзување на моралите. Тој не се сомневал во вредноста на навестената Универзална етика, но реалистички посочувал дека не треба да се има илузии за нејзиното брзо реализирање (денес најголем застапник на Универзалната етика е УНЕСКО, агенција за наука, култура и образование на ООН, наследник на Комисијата за светска духовна соработка на Друштвото на народите помеѓу двете светски војни, која ја раководеше Бергсон).

Значи, двете основни етички тенденции се: да се следи постојниот морал и да се отвора и да работи етичката креативна свест на човекот. Првото е израз на статичноста, второто на движењето, т.е едното е израз на минатото, второто е знак за иднината. Разликата помеѓу нив, според Бергсон, не е само квантитативна, туку и квалитативна. Тој ќе ги нарече диференцирано - "општествен" и "човечки" морал. Во првиот морал сите луѓе прифаќаат еден закон, во вториот подражаваат еден образец. Двете морални форми не се исклучуваат во реалноста, иако првата форма се сретнува масовно, а втората ретко може да се види (истото се однесува и на двата вида религија според учењето на Бергсон - "статична" и "динамична"). **Двете морални форми ја претставуваат суштината на моралот** како карактеристичен феномен за човекот - кој е и статично, затворено, подјармено, недоволно креативно суштество, но во секоја епоха се појавуваат некои личности кои ги отвораат етичките и животни перспективи на луѓето со своите визии и етички идеали, со својот етички креационизам и морален динамизам.

Така Анри Бергсон, со маестрален стил, ги опиша **реалноста и креативноста на етиката** (како што во другите дела ја претстави творечката сила и активност на уметниците и на научниците). Неговата философија на моралот ќе има исклучително влијание врз идните теоретичари на етичкото образование, особено врз психолозите, философи и педагози **Жан Пијаже** (1896-1980) и **Лоренс Колберг** (1927-1987), кои неговото сознание за моралната хетерономија и автономија ќе го вградат во основната концепција за воспитувањето и за изградбата на младите творечки морални личности.

**Етички мисли од Анри Бергсон**

"Човековото општество е збир од слободни суштества."

"Моралната обврска подразбира слобода."

"Во моралот кој се базира врз стремежот е вградено чувството да се направи прогрес."

"Душите од благороден вид чувствуваат дека се блиски со сите души; во љубовта исполнета со занес, тие се насочуваат кон човештвото воопшто."

# 73. Свами Вивекананда

## ЉУБОВ ЗА СИТЕ И ЗА Сé



Највлијателните етичари главно се личности кои доживеале зрели години. Мнозината ги излеале во делата својата мудрост и животно искуство од односите со луѓето. Духовноста може да биде автентична или да се надоврзува врз традицијата, за тоа нема експеримент, кој секој треба да го повтори, па не е нужно да се биде постар за да се зборува за моралот. Но, така е вообичаено. Сепак, една **млада личност пред едно столетие го возбуди светот со својот ум и зборови**. Тие главно беа насочени кон етичката проблематика. Свами Вивекананда, современ етички мислител и светец, ги изнесуваше интелектуалните и морални искуства на древната Индија, но тоа беше нова, модерна, општосветска потрага по добрината.

**Свами Вивекананда** живееше кусо, неговите приврзаници велеа "како пеперутка", ја исполни својата животна и духовна задача и си замина мирно од светот на кој му даде многу, докажувајќи дека **етиката е смисла на човековиот престој на земјата**. Роден е во 1863 година во Калкута под име *Наренданат Дата*. Од богато и бележито семејство (татко му бил познат правник), уште како дете се посветил на философијата, религијата и етиката. Со голем успех ги завршил студиите и станал ученик на бенгалскиот светител **Шри Рамакришна** (1836-1886), со родено име *Гададхар Чадопаја*, кого многу хиндуси го почитуваат како божествена инкарнација (*аватар*). Заради бедните родители, ова талентирано момче имало скудно образование. Како свештеник во еден храм, Рамакришна остварил едно од *најинтересните* религиозни и етички искуства во современието. Во текот на 12 години спроведувал вежби од разни религиозни системи - хиндуистички, исламски и христијански. Во секоја од нив достигнал просветление. Врз основа на тоа сметал дека секој посветен може да постигне единство со Врховното суштество, или, како што вели тој, со Конечната реалност. Условот е верата да му е достатно силна. Рамакришна посветил во монаси неколку свои ученици, помеѓу кои и Свами Вивекананда, кој 6 години седел до неговите нозе (*свами* е израз кој означува монах, а уште повеќе духовен учител, мудрец, "светец"). Вивекананда станал негов прв наследник, од својата 23-та година до својата смрт раководејќи го **Редот на Рамакришна**, кого го основал со своите другари и кој е раширен низ целиот свет, со 200 манастири и 20 центри (*веданта-друштва*), придружени со болници,

училишта, библиотеки, социјални и хуманитарни институции, поддржани од многу бележити интелектуалци.

Вивекананда бил блескав ученик на Рамакришна. Се сконцентрирал врз задачата да ја запознае културата на огромната Индија и да ги **возобнови најзначајните индиски духовни богатства**. Бил предан чувар и лекар на бедните (слична морална задача подоцна во најголемиот и најсиромашен индиски град Калкута оствари Мајка Тереза). Вивекананда се здобил со светска слава на големиот Светски парламент на религиите во 1893 година во Чикаго, каде што стигнал без покана. Одвај го пуштиле да зборува како последен. Оставил најголем впечаток. Весниците почнале да пишуваат за него и да ги пренесуваат неговите идеи (кои имаа големо влијание врз етичката преродба во таа епоха во САД, каде што се создавани и дејствуваа разни организации за унапредување на етиката, како во Њујорк **Етичка култура**, верско движење во кое етиката се смета за јадро на религијата, кое го основа **Феликс Адлер** (1851-1933), со свое големо Училиште за етичка култура; ова движење денес повторно ја доделува обновената Награда за етички подвиг на годината). Вивекананда ја познавал и источната и западната култура и се застапувал за нивно проникнување. Имал ретка философска дарба, длабока согледба, сочувство за луѓето и за нивните страдања, благо однесување. Држел брилјантни беседи низ Америка и западноевропските земји. Заради нарушеното здравје, во 1902 година со своја волја се откажал од телото и си го запрел здивот, заминувајќи во највозвишено самосознание (*самади*).

Како мисионер на индиската култура и на етиката, Свами Вивекананда помогна за поголемо разбирање на значењето на **благородната етика**, како и за проникнување на целиот свет со соодветните индиски духовни дострели. Како ученик на Шри Рамакришна, тој учеше дека **вистинската сила лежи во давањето** и дека суштествена манифестација на верата и љубовта е служење на човекот. Тој се стремеше да воспостави **мир и братство меѓу сите луѓе**. Основата за тоа ја наоѓаше во идејата на Веданта за единственоста на постоењето. Единството треба да стане основа не само на индискиот, туку на севкупниот човечки поглед на светот. Вивекананда укажа на важноста да се согледа сеопштото, универзалното, од што, во философска смисла, може да се сознае сето друго.

Етичката смисла на овие идеи е сконцентрирана кон менувањето на односот спрема светот и живеењето - кон **позитивни емоции, почитување на луѓето и благородни постапки**. Ова е израз на умот на големиот потконтинент Индија, со својата милениумска етичка култура и жива теологија и философија. Животната мудрост посочува дека за човеков спас, за достигање на слобода и духовна височина, е неопходно да се сменат однесувањето, мислењето и моралот. Една од основните поуки е дека големите сили што ги поседува, човекот треба да ги користи само за благородни цели. Затоа кај овие теоретичари и практичари на моралната преродба, етичките настојувања се сконцентрирани врз личноста, која со своето живеење треба да ја претстави смислата на етичките препораки. Станува збор за сообразно живеење на личноста, за нејзино настојување за свое унапредување и менување, како и за дејствување за кое личноста е одговорна и за позитивни резултати кои произлегуваат од таа активност. Сето тоа е проникнато со исклучителна **етичка атмосфера**, во која доминираат себепреиспитувањето, правењето добри дела, давањето корисни совети, пофалбата на етиката како состојка на живеењето. Оние кои постапуваат поинаку не можат да допрат до себереализацијата како врвна животна цел.

Во тој етички комплекс спаѓа и стремежот кон ослободување на човекот од физичките страдања, душевната дисхармонија и од духовното незнаење (што е древна индиска тема). Се објаснува дека злото се совладува со доброто, жалоста со радоста, окрутноста со милосрдноста, незнаењето со учењето. Цел е да се востанови исто така дух на **братство меѓу луѓето**. Сé е свртено кон служење на човештвото и кон воспоставување широка самосвест на луѓето. Секој треба да се посвети кон овие високи цели и да расте кон лично **совршенство**.

Тоа проникнување на целиот свет со индиската култура и етика е една од основите на градењето на денешната Универзална етика на човештвото (при што голема улога има свртувањето кон старите и кон поновите далекоисточни мислители и учења). Бележито место во тоа му припаѓа на Вивекананда, кој тие идеи и етички потенцијали ги изнесе низ своето дејствување, преку беседите и во своите бележити книги насловени според четирите видови јога (како особен вид човечка практика) - Џнана, Карма, Бакти и Раџа. Во нив се зборува за учењето и знаењето, за судбината која ја води самиот човек, за љубовта и за меѓусебното помагање помеѓу луѓето, како и за мудроста и за настојувањето кои човекот ќе го водат во ослободување.

Каузалниот етички принцип *карма* влијае врз карактерот на личноста. Вивекананда укажува дека секој човек може да биде голем на секое место, посочувајќи на моралното значење на трудот, на исполнувањето на должноста, на заемопомошта помеѓу луѓето. Целта е да се постигне вистинска слобода на личноста, што е нејзина задача и зависи од неа. Вака Вивекананда му пишува на еден пријател: "Биди морален. Биди храбар. Цврсто морален, храбар до очајување. Не заморувај си ја главата со религиозни теории. Единствено страшливците се грешници, храбрите никогаш, дури ни во сонот. **Обиди се да го сакаш сето и сите**. Биди човек и обиди се и своите најмили да ги направиш храбри, морални и сочувствени. Не фаќајте се за религијата, туку за моралноста и храброста. Без страшливост, без грев, без злосторство, без слабости! - сето останато ќе дојде самото по себе".

Вивекананда ги упатува луѓето да бидат **свесни** и **храбри**. Тој посочува на значењето на силата на самосвеста на човекот. Гревот, негативностите на светот, несреќите се резултат на слабоста. Вивекананда нé учи да не зборуваме за ниското на светот и на животот, да не плачеме за она што самите сме си го всадиле во главата. Не смееме и натаму да го ослабнуваме нашето живеење. Треба да престанеме луѓето уште од детството да ги учиме дека се грешници и слабаци: "Учете ги дека сите се славни деца на бесмртноста, дури и оние кај кои се пројавуваат најголеми слабости. Позитивни, силни, благотворни мисли нека влезат во нивните умови уште од самото детство. Оставете се себеси отворени за таквите мисли, а не за оние кои ослабнуваат и парализираат. Кажете си себе си: Јас сум Тој! Тоа нека ѕуни дење и ноќе во вашите умови како песна, а во мигот на смртта речете: Јас сум Тој! Тоа е Вистината, ваша е бескрајната моќ на светот. Изгонете ги предрасудите кои донесуваат заблуда во вашите умови. Бидете храбри. Сознајте ја вистината и следете ја!"

Доброто и злото се небаре два вида просторни суштини во светот и животот. Како пројави на душата, според Вивекананда злото е надворешната обвивка, а доброто е она внатрешното, она што е најблиско до вистинскиот човек, до неговото сопство. "Ако човек не го пробие пластот на злото, тој не може да допре до пластот на доброто, а без да мине низ двава пласта, тој не може да дојде до сопството, до олицетворувањето на своето Јас."

Целта на живеењето е да постапуваме слично на Највисокото суштество: "Сета моќ на душата е божествена. Нашата цел е да го пројавиме божественото

кое е во нас, за да завладееме со надворешната и внатрешната природа. Тоа треба да го оствариме со работа, со обожавање, со владеење со духот или со философија, со еден или со повеќе од нивните патишта, и да станеме слободни“. Така се воспоставува **сеопшта целина на светот**. Кармата е баланс помеѓу делата и последиците. За Вивекананда секое дело има морална и лична последица. Дури и ако некој направил многу лоши дела, а само едно добро дело во животот, резултатот од тоа добро дело ќе се јави сигурно некаде и во некој вид. Но, секој мора да биде свесен дека ќе се јават последиците од злите дела и дека ќе влијат врз животот на секого и на сите.

Методот што го предлага Вивекананда е емпатичен и активен. Тој препорачува секој да се концентрира врз **правењето добри дела** и врз **избегнувањето на зли дела**. Тоа е нужно, затоа што на овој свет сѐ се пренесува и има *меѓусебно влијание* - особено доброто и злото. Ако човек е силен и здрав, и оние околу него можат да станат силни и здрави, но ако е болен и слаб, тоа ќе ги снајде и нив. Затоа **целта е да се усовршиме, за карактерот да ни стане подобар и нашите дела правилни**. Вивекананда е оптимистичен во поглед на саморазвојот. Секој може да се развие и смени кон подобро. Но, не е доволно само да се испрати пораката: Биди добар! Може да се помогне (особено на младите) ако на оној кому му се обраќаме му дадеме помош да научи како да го контролира својот ум. Основните сознанија треба да се однесуваат на тоа да бидеме разумни, да не правиме зло, да проштуваме (дури и на најголемиот непријател), да ја кажуваме вистината, да веруваме во Бога, кој е душа на нашата душа. За тоа е потребно да се ослободиме од страв и гнев, да го прочистиме срцето, да нѐ водат знаењето, љубовта и откажувањето.

Најзначајното етичко начело според Вивекананда е она кое посочува дека **не треба да мразиме, туку да сакаме**: “Не мрази никого, зашто омразата која излегува од тебе на крајот се враќа кон тебе. Ако, пак, љубиш, таа љубов ќе се врати, извршувајќи кружно движење. Секој квант од омразата кој излегува од срцето на човекот му се враќа со полна силина и ништо не може да го сопре тоа - како што во него се враќа и секој импулс на љубовта“.

Со своите прекрасни дела Вивекананда градел историски мост од стариот духовен потенцијал на Индија кон новото доба и глобалното човештво. Свами Вивекананда бил духовен мисионер и етички пророк. За него нема разлика помеѓу мислењето и моралното дејствување, како ни помеѓу религијата и етиката. Неговите погледи се слични на учењето на Спиноза, кој ги поврзувал во една целост природата и вишната сила, а исто така и сознанието, љубовта и етиката. Делата на Свами Вивекананда, кого го нарекле **духовен и етички див**, спаѓаат меѓу најблагородните современи прилози кон етиката.

Многу натамошни духовни дејци во Индија и тргнати подалеку од неа го следат примерот што го демонстрираше Свами Вивекананда и развиваат духовита и влијателна **етика на самосвеста и на љубовта** - како **Парамаханса Јогананда** (1893-1952), од 1925 година основач и водач на јога центри во САД и Европа; **Џиду Кришнамурти** (1895-1986), кој целиот живот патувал по светот ширејќи духовни и етички сознанија; **Свами Муктананда** (1908-1983), школован и на Запад, водач на ашрам (центар за религиска обука и медитација) до Мумбаи; **Саи Баба од Ширди** (?-1918), почитуван како светец од сите религии, а по неговите стапки одеше **Сатја Саи Баба** (1926-2011) од Путапарти, чија група има **најдобра збирка учебници за етичко воспитување** на младите, заедно со книгите за родителите (Sathya Sai Education in Human Values); психологот **Дипак Чопра**, со практика во Сан Диего во Калифорнија, кој објавува голем број популарни дела, во кои со поврзаната индиска и западна мисла ги подучува

луѓето на однесување, воспитување на децата, им покажува пат за економски успеси и др.

**Етички мисли од Свами Вивекананда**

"Само оној живее кој живее во сé."

"Не постои никаква разлика меѓу врвното сознание и врвната љубов."

"Повтарајте во мислите: Сите суштества нека бидат среќни; сите нека живеат во мир; сите нека бидат почитувани... Колку што повеќе го правите ова, толку подобро ќе се чувствувате. Конечно ќе откриете дека најлесниот начин да се почувствувате здрав е ако видите дека и другите се здрави, а ќе бидете среќен ако видите дека и другите се среќни."

# 74. Пјер де Кубертен
# СПОРТОТ КАКО ЕТИКА И ОБЕДИНУВАЧКА СИЛА



Етиката им припаѓа најнапред на философите, но тие немаат монопол на неа - таа се однесува на сите луѓе и секој може да дава придонес кон размислата за доброто и злото, како што може и да се истакнува во моралот. Некои од најзначајните унапредувачи на моралот не биле философи според професијата. Заради своите етички идеи и дејствување тие станале бележити етичари, чија активност **далекусежно се чувствува и одразува врз човештвото**. Пјер де Кубертен е една од тие личности чии замисли и ориентации многустрано позитивно влијаеле врз животот на современите луѓе.

Пјер де Фреди, барон **де Кубертен**, е роден во 1863 година во Париз во аристократско семејство. Завршил колеж и воено училиште. Го зафатил ентузијазмот на првите современи љубители на спортот во Европа, бил сестран спортист, но исто така тој и размислувал за спортот. Отишол во Англија да ги види тенденциите и резултатите од спортскиот бран што се појавил во тамошните училишта и универзитети. Таму се запознал со дејноста и учењето на педагогот **Томас Арнолд** (1795-1842), управник на колеџот во Рагби, во којшто првин е организиран вистински спортски живот. Кубертен почнал да студира право, но се приврзал кон **педагогијата**, ја одбрал неа како професија. Во првите свои трудови зборувал за новите цели и методи на образованието, а посебно за тоа како спортот кај младите не е само пат за нивно подготвување за животот, туку дека низ него тие можат вистински *да живеат и да научат како да се однесуваат*. Во јавните дискусии како да се промени училишниот систем, а младите да не се оптоваруваат со непотребни нешта, Кубертен не настапил као што е вообичаено против класичните науки, туку барал да се воведат спорт и игри. Дури основал Одбор за пропагирање на телесни вежби во школството. Во сите негови бројни дела, а оставил преку 50.000 напишани страници, видливи се неговата благородност, хуманост и грижа за младите, една **етичка визија за односите помеѓу луѓето и за развојот на човештвото**.

Во 1827 година биле откриени останките од *Олимпија*. Од 1875 до 1881 година *Ернст Курциус* (1814-1896) предводел германска експедиција да ја истражува оваа месност на Пелопонез, каде што биле одржувани античките Олимписки игри. Светот бил разбранет од наодите за древните масовни спортски игри, кои биле придружени со културни настани, а помеѓу земјите учеснички владеел мир. На еден собир во Париз на Универзитетот Сорбона во 1892 година Пјер де Кубертен предложил да се **возобноват Олимписките игри**. На негова иницијатива во 1894 година на Сорбона е одржан првиот Меѓународен конгрес за спортот (“атлетика“) и расправано е за новите Олимписки игри. Кубертен имал идеи, силна амбиција, бил вешт организатор, имал интернационални врски и не се плашел пред предизвиците. Љубовта кон спортот

и страста за изградба на **новиот човек**, заедно со визијата за придонесот на спортот кон културата, етиката и политиката, го воделе да реализира една од **најзначајните современи форми на соработка помеѓу народите** - меѓународни спортски натпревари со исто име како античките.

Во Антиката имало 293 Олимписки игри, од 776 година пред н.е. до 394 година н.е. (ги забранил христијанскиот император Теодисиј, заради нивното паганско потекло и смисла). Натпреварите во борење, бокс, петобој и коњички трки траеле пет дена, заедно со верските церемонии и културните збиднувања. Биле посветени на врховниот бог Зевс, а учесниците биле само од грчките градови-држави. Игрите имале голем углед, кога се одржувале дури биле запирани сите воени пресметки (што било чудо во она време на општи конфликти). Тие биле голема прослава на спортот и на телесната сила и убавина, натпреварувачите настапувале голи, победниците биле славени како херои. Според Игрите бил воден и календарот во Антиката.

Таквата висока почест за спортот сакал да обезбеди и Кубертен во времето кога спортот не бил широко прифатен и практициран и го сметале за нешто непотребно и несериозно (неверојатно, но за првите Игри - во Париз или во Сент Луис во САД - имало отпори од официјалните личности игрите да бидат вклучени во Светските изложби, кои таму се одржувале). Убаво е што Кубертен успеал во своите замисли. Денес **Олимпијадите се најголем светски спортски настан**, со илјадници врвни спортисти од сите земји на светот. Истите ритуали се повторуват од првите модерни Игри во 1896 година во Атина до денес - се носи Олимпискиот пламен од Олимпија до местото на Игрите, се користат истите симболи на Олимпизмот, се пее истата Олимписка химна и се дава истата Олимписка заклетва, коишто ги има предложено, направено и воспоставено Кубертен. Тој не бил само поттикнувач, основач и прв организатор на Олимпијадите, туку и нивни осмислувач. Пјер де Кубертен раководел со Меѓународниот олимписки комитет до 1925 година, а за време на Првата светска војна го сместил во Лозана во неутрална Швајцарија. Починал во 1937 година.

Како што претскажа значајниот хуманист **Олдос Хаксли** (1894-1963), автор на голем број значајни книги, приврзаник на етиката, поддржувач на духовните и моралните начела на Веданта, писател на единственото дело на негативната утопија "Добриот нов свет" (инаку, внук на Томас Хенри, 1825-1895, еден од првите и најборбени приврзаници на учењата на Чарлс Дарвин, и брат на сер Џулијан, 1887-1975, биолог и прв директор на УНЕСКО), **спортот стана една од главните пројави во денешната цивилизација**. Воведен е во образованието на сите млади. Со него се занимава секоја личност (барем во некој период од животот) и претставува една од најраширените форми на забава. Натпреварувањето ја развива економијата и влијае врз политичките избори. Олимпијадите ги сакаат сите. Тоа е видливо според учеството, желбата да се постигне успех на нив, борбата да се добие правото за организирање, според угледот што го уживаат нивните учесници и победници, а преносите се најгледани светски телевизиски емисии. Олимписките игри имаат посебно **значење за етиката**, бидејќи се израз на еден животен и морален став и на едно движење со високи етички цели. Помеѓу оние кои ги зародија и ги наметнаа новите Олимписки игри се истакнува Пјер де Кубертен со својата педагошка и етичка ориентација.

Интересот и идеалот за возобновување на Олимписките игри се јавувале на разни начини во XIX век, имало обиди тие да се реализираат како училишни игри, или во некој регион, или како панхеленски игри во новосоздаденото Кралство Грција. Тоа биле малечки зафати, со недоволни резултати. Беа

потребни засилување на амбициите, склоп на околностите, насобирање на поголем број способни и влијателни ентузијасти, а посебно настојчивоста, материјалната дарежливост и организаторските способности на Пјер де Кубертен. Исто така, беше нужна и неговата **визија** за специфичните цели и својства на Игрите. Тој инсистирал тоа да бидат независни меѓународни спортски средби, но со **олимписки** дух (затоа не се викаат "светски"). Имено, тие не треба да бидат само натпревар на учесници од сите држави, туку и да ја оживуваат идејата за **особена мисија**, која ја спроведуваат сите - Меѓународниот комитет, учесниците, земјата организатор, средствата за комуникација, философите и педагозите. Тоа значи да се застапени сите видови спорт, да има учесници од сите земји, избрани преку национални натпревари, формите и настапите да имаат свечено и културно значење, како и да се промовираат специфични етички идеи за *чесност*, *блискост* и *соработка*. Олимпизмот е силна модерна етичка визија.

Пјер де Кубертен така ја разбирал улогата на спортот во животот на личноста - како средство за личен и општ развиток, како форма на културата и етиката. Кубертен повикувал со послободно и активно образование да се создава творечка интелигенција на нациите, така да се ослободуваат "нови сили". Тој сакал образование кое ќе создава "општо душевно спокојство, мудрост и разумна сила" и укажувал дека од образованието зависи опстанокот на цивилизацијата. Спортот го сметал за носител на модернизираното образование, кое ќе овозможува развиток на новите светски тенденции, кои, според него, се **демократијата** и **космополитизмот**. Кон тоа треба да придонесуваат Олимписките игри, кои треба да ги ангажираат младите и јавноста за демократскиот и за интернационалниот дух.

Делото на Кубертен претставува борба за **општо добро**. Дека тоа е правилно погодено, зборува вредноста на Олимпизмот во новата епоха, неговата раширеност и значење. Во зрелите години Кубертен објаснил дека Олимпизам претставува "величање на младоста". Затоа тој не се стеснувал од идеалистички и активистички идеи. Како смисла на Олимписките игри тој ја искажал (на игрите во Лондон, 1908) мислата: "Најбитното во Олимписките игри **не е да победиш, туку да учествуваш**", како што сметал дека во животот за човекот не е суштествено да победува, туку добро да се бори. Тоа е етика на активизмот без желба да се надвладува другиот, тоа е еволуционизам без натсилување, натпревар сублимиран во фина култура на телото и духот. Од таа епоха е и убавата мисла на нашиот национален водач и херој **Гоце Делчев** (1889-1903), кој и самиот бил учител, за **културно натпреварување помеѓу народите**. Изреката на отецот *Анри Дидон* (1905) **Побрзо! Повисоко! Посилно!** Кубертен ја зел како *лозунг* на Олимписките игри; таа е физичка според целесобрзаноста, но истовремено е духовна-културна во внатрешната димензија.

Во "Одата на спортот", која се пее како Олимписка химна, Кубертен напишал етички зборови: "О, Спорту, ти си мир! Ти востановуваш среќни врски помеѓу народите, бидејќи ги зближуваш преку славење на контролирана и организирана сила. Преку тебе светската младина се учи на самопочитување и на тој начин различноста на националните квалитети станува извор за богато и мирољубиво натпреварување". Тоа е особената **универзална етика** на Кубертен. За него интернационализацијата не значи зголемување на влијанието на едните врз другите народи, туку е шанса за ширење на најважните современи тенденции кај сите. Благородната цел ја согледува пред сè во **соработката**, во **солидарноста**, кои кон крајот на XIX век почнуваат да се појавуваат како нови *општочовечки* вредности.

Овие се основни методи на Олимпискиото движење, кое е еден од првите промотори на општочовечката етика како нов феномен. Тоа се спроведува со рамноправноста на членките во Олимпискиото движење (независниот Македонски олимписки комитет е член на Интернационалниот комитет од 1993 година), со помошта за развој на спортот во неразвиените краишта на светот, со афирмирањето на блискоста помеѓу сите спортисти, со борбата против дискриминацијата. Олимпискиото движење е носител и на детскиот и на училишниот спорт, на спортот на хендикепираните (за кои се организираат посебни Параолимписки игри), на жените, на возрасните, на сите на кои им треба спортување, а историските или социјалните околности го попречуваат тоа. Сега се развива и движење **Олимписка академија**, во која мислителите и педагозите ги шират и образложуваат идеите на Олимпизмот како *философија на мирот и солидарноста* (јас бев неколку години претседател на Македонската олимписка академија - а во Германија и во другите земји се оформени и особени средни училишта во кои се застапува Олимпизмот како основна *етичка* идеја). Исто така, како во античкото време, Олимпискиото движење се заложува за **мир** помеѓу народите, за разните видови соработка кои тоа ќе го овозможат, а за годината и периодот кога се одржуваат игрите ООН бара воспоставување барем *Олимписко примирје*, како вовед во поцелосен траен мир на светот.

Симбол на Олимпискиото движење се **пет кругови** - поврзани син, жолт, црн, зелен и црвен круг (кои, инаку, не се ознаки на континентите или на расите, туку заедно со основната бела боја сочинуваат комплекс од сите бои кои се јавуваат на знамињата на учесниците). Секој од круговите е еднакво важен и силен, нема никакво значење *сам по себе*, изделен од другите, а сите заедно се мошне силни кога се поврзани како **обединето човештво**, составено од различја, но единствено во духот и настапувањето. И ова визуелно лого од Кубертен (еден од најпознатите светски ликовни симболи) ја покажува универзалната етичка насоченост на Олимпизмот. Белата основа за овие симболи на знамето зборува за **чистотата** и **идеализмот**.

Етичкиот систем на спортистите јасно е нагласен во заклетвата која најдобриот спортист ја дава во името на сите на почетокот на Олимписките игри. Сето укажува на идеалот на *совршенството*. Сите го следат **фер плејот**, како чесност во пристапот, во подготвувањето и во спроведувањето на спортот. Овој идеал од животот треба да биде дејствена норма во спортот, а исто така, како ефектна спортска вредност, да биде **основна норма во сето живеење**.

Така најзначајниот спортски идеолог и организатор и еден од најбележитите практични етичари на модерното човештво Пјер де Кубертен го разбирал спортот - како **етика и обединувачка сила**, како моќ за здравјето и психофизичката стабилност, како сила на прогресот, како форма на културата, на меѓусебното почитување помеѓу луѓето и на трајниот мир како врвна човечка вредност на денешницата и на утрешницата.

### Етички мисли од Пјер де Кубертен

"Мисли мои, не оставајте ме! Вие сте моја среќа. Најголемо задоволство е да се мисли, да се размислува, да се пронаоѓа нешто ново."

"Снагата на граѓаните е сила на државата."

"Суштествено во животот не е да победиш, туку добро да се бориш."

"Спортските друштва треба да даваат пример за враќање кон култот на чесноста и искреноста, отстранувајќи ги од стадионите лагата и лицемерството."

# 75. Макс Вебер
# МОРАЛ ВО СЕКОЈ СЕГМЕНТ ОД ЖИВОТОТ



Јавноста многу не се интересира и често не знае, не се запрашала кои се творците на идеите со кои се сретнуваме секој ден и кои влијаат врз однесувањето на луѓето во различните сфери. Можеби и не е толку лесно, без специјално испитување, да се дознае кои се градителите на вредностите и нормите од кои е составена етиката, целата или во некој сегмент важен за живеењето. Но, постојат научници кои ги посветуваат животот и својот ангажман за да разберат, а потоа на луѓето да им објаснат што всушност се случува во етиката или во некој дел од етиката, зошто тоа така се развило и дали дава резултати, впрочем дали разјаснетите принципи се навистина доволни за да се живее посуредено, поумно, поуспешно. Многу од тие начела се социјални или психички (ако овие две суштествени човечки страни можат да се разделат).

**Социологијата** е една од главните науки на нашата епоха. За општеството и за социјалните форми и содржини луѓето се интересираат откако се здобија со послободен статус во заедницата, пообразовани се и од прашањата на "другиот" свет (животот по заминувањето од нашиот свет) се свртеа кон земните и секојдневните проблеми на опстојбата. Социологијата понудува нови теми, методи и дострели на човечките сознанија, нужни за осмислувањето на човечкиот престој на земјата, кои ги објаснуваат можните (тешки) цели на луѓето и покажуваат по кои насоки се движеле и натаму може да се движат човештвото, заедниците и индивидуите. Инспираторот на социологијата Сен-Симон и нејзините основачи Огист Конт и Херберт Спенсер дадоа своевидни насоки за развиток и истражувачка тематика на оваа наука. Тука спаѓаат и **моралните прашања**, не само како органски дел на заедничкото човечко живеење, туку и како хуманистички елемент на социолошкото размислување (Конт го создаде поимот *алтруизам*, Спенсер инсистираше на современото значење на *солидарноста*, што навистина се примордијални теми на денешната етика). И првите развиени социолози, Емил Диркем и Макс Вебер, **на современиот свет му образложија многу значајни нешта од неговата организација и дејствување**, посебно во областа на *моралот*, а тие сознанија можат да ни помогнат посуштествено да ги разбереме *етичките* аспекти и дилеми на човечката егзистенција, како и да нé инспирираат подобро да ги спроведуваме своите дејства и да добиваме подобри резултати од својата активност.

**Макс Вебер** е роден во 1864 година го Ерфурт. Неговиот помлад брат, исто така познат германски социолог **Алфред Вебер** (1868-1958), се занимавал главно со проблемот на *културата*, за која сметал дека е непредвидлива, зашто е резултат на човековиот постојан стремеж за трансцендирање на реалноста (додека *цивилизацијата* е континуиран процес, во кој се акумулираат разни човечки дострели). Потекнувале од познато семејство, татко му бил еден од раководителите на либералната партија и долго време член на германскиот парламент. Макс бил болникав, како дете прележал менингитис. Потоа живееле

во Берлин, каде нивното семејство го посетувале најпознатите личности на политиката и културата. Макс бил исклучително талентиран, повеќе сакал да чита одошто да се игра со врсниците, а во 15-тата година почнал да прави изводи од прочитаните книги и пишувал текстови за историјата. Студирал право на универзитетите во Хајделберг, Берлин и Гетинген, но слушал и предавања по историја, економија, философија и теологија (за сите тие области потоа ќе пишува научни расправи). Дипломирал со труд за правната и стопанска историја на Средниот век. Станал доцент на Берлинскиот универзитет. Од првите интересирања произлезе неговиот труд "Аграрните односи во Антиката", во кој се разработени сложените економски, културни и социјални прашања на Стариот свет.

Потоа станал професор по економија на многу големи германски универзитети, во Фрајбург, каде што се зближил со прочуениот философ Хајнрих Рикерт, а потоа во Хајделберг. Се разболел многу тешко и неколку години боледувал. Се повлекол од универзитетскиот живот. Но бил активен во Здружението за општествена политика (основано во 1873, како противтежа на комунистичките идеи на Маркс, иако членовите на тоа друштво ги нарекувале "катедарски социјалисти") и бил еден од основачите на Германското социолошко друштво. Почнал да го уредува списанието "Архив за општествени науки", каде објавил многу од своите истражувања. Дури во 1918-та се вратил да предава, најпрвин во Виена, а потоа во Минхен. Не поживеал долго, починал во 1920 година. Бил мошне вреден, плоден и инвентивен. Испитувал разни појави и секаде има дадено интересни сознанија, важни за живеењето. Најпознати дела, со светско значење и со големо влијание врз развитокот на социологијата, политологијата и на другите општествени науки, му се: "Протестантската етика и капиталистичкиот дух" (1904/5), "Економската етика на светските религии" (1915), "Стопанството и општеството" (постхумно 1922).

Близок со **неокантовската** школа, со која го споделувал сфаќањето на *вредностите* како суштествен аспект на човечкото живеење, Вебер бил пријател со бележитите современици **Вилхелм Дилтај** (1833-1911) и **Хајнрих Рикерт** (1863-1936), големи мајстори на антропологијата и аксиологијата (која како "теорија на вредностите" почна тогаш да се разработува), од кои првиот е значаен и затоа што го создаде терминот "*поглед за светот*", како сеопфатен став за целината на постоењето и за местото на човекот во светот. Со Макс Вебер, тие востановиле и развивале *метод*, кој денеска ќе се применува во сите науки, а многу е присутен и во етиката и воопшто во животот. Станува збор за **Разбирањето**. Познат е исказот на Дилтај: "Ние ја објаснуваме природата, а го разбираме човекот". Вебер тој метод го применувал во општествените науки (но со следење и на разни други претходни сознанија - емпиризмот, критичката теорија на Кант, првите дострели на научната социологија). По напливот на позитивизмот и наложувањето да се бараат каузалните врски за секоја проучувана појава - Вебер укажувал дека, како и секој научен метод, и неговиот пристап тендира да биде поврзан со *каузалното* случување, а не со него да се истакнува едностранчивоста на *субјективното* размислување, кое лесно го обзема човекот и го тера своето сознание да го истакнува небаре е објективно. Во човечкото живеење, овој метод Дилтај го сметаше суштествен за етички важното *вчувствување*, емпатија. Вебер укажува дека развитокот води кон владеење на **разумот**, го нагласува рационализмот во истражувањето. Разумот мора да ја прифати својата улога и одговорност, зашто светот ги загубува митската и поетската димензија поради распространувањето на техниката и интелектуализацијата. Пристапот мора да води сметка дека не може да се стигне

до самата суштина на нештата, туку знаењето се опира врз надворешните страни, кои можат да се констатираат со искуството. Разбирањето како метод го развива и најстариот филозоф на нашето време **Ханс Георг Гадамер** (1900-2002) во својата **херменевтика**, со која се разбираат и толкуваат историските појави (тоа е, инаку, изворно вештина на интерпретирањето и објаснувањето на старите документи и светите текстови); сетал дека треба да се *отвориме* кон она што е пред нас, за тоа да може да ни "зборува".

Едно од основните научни интересирања на Вебер било откривањето на тоа што реално се случувало во историските настани и движење, кои многу ги истражувал. Следејќи го ставот на Дилтај, правел разлика помеѓу историските и културните (духовните) науки наспроти природните. Природните настани се повторуваат и имаат определени законитости, духовните се неповторливи и поврзани се пред сé со намерите и целите на човекот. Затоа Вебер во нив барал специјални врски и нивна особена смисла, посебно на големите целини, што ќе овозможи вистински да бидат разбрани. Во нив констатирал нешто, што го нарекол **идеал-тип**, идеален вид. Станува збор за видови културно и вредносно однесување, со коишто може да се поврзат развојните тенденции во некоја историска епоха, состојба или појава. Тој на ова откритие му давал големо значење, иако е *научна конструкција*, но му овозможи да дојде до убави резултати во толкувањето на историските целини, чии карактеристики со успех ги изложува. Тоа ќе биде мошне важно за развојот на *модерната наука*, која со ова решава некои непознати нешта, а таа идеја ќе се користи за сознанија за соодветната општествена организација и како насочување на човечкото постапување според реалните услови. Интересен е фактот дека етиката ги користи поимите и сознанијата од социологијата и психологијата (заедница, семејство и разни социјални групи, сé до човештвото, типични релации..., или свест, совест, интереси, темперамент, карактер, цели...), а во овој случај социологот Вебер зеде еден типичен етички поим - *идеал* - и од него направи орудие за своите сознанија.

Кариерата и интересирањата на Вебер се слични со оние на неговиот современик **Емил Диркем** (1858-1917), другиот најпознат социолог на почетокот на оваа наука. Тој не е помалку значаен научник од Вебер, ниту неговите учења помалку присутни и важни за етиката. Диркем ги испитуваше особено *педагогијата*, а од историјата **примитивните општества**, од кои потекнуваат и нашите општества. Посебно во нив се занимаваше со прашањето на **поделбата на трудот** како начин за развиток на производството и оттука произлезените **етички** последици - вредности и норми (впрочем во современата епоха на индустрискиот развиток, поделбата на трудот е особен социјално, економски и морално значаен феномен). Диркем поделбата на трудот ја поврзува со раѓањето на **солидарноста** како нова појава во човечкото постоење; во дамнешните времиња заедниците биле позатворени, а човечкото размислување и дејствување *поегоистичко*, свртено само кон одделената егзистенција на човекот и неговите најблиски, а во подоцнежниот развиток нормално се воспоставуваат нишки на *поврзаност* и разбирање за другите, со кои се соработува и живее во сé пошироки заедници, па така се развива и етиката. Диркем разликува *механичка солидарност*, како обична кохезија на елементите на општеството, кога свеста е зависна од типот на општеството и во него сите се слични, и *органска солидарност*, која е резултат на поделбата на трудот и која се однесува на единки кои меѓусебно се разликуваат. Тоа е објаснето во развиениот етички систем на **Анри Бергсон** (1859-1941), врсникот и пријател на Диркем, и кај разни современи критички мислители (Соловјов, Кропоткин...).

Диркем е основач на прочуенето списание "Социолошка ревија", во која се објавени најзначајни истражувања на **социологијата на моралот**, т.е. заеднички социолошко-етички сознанија.

**Солидарноста** е сé поважна тема на човечката опстојба, бидејќи сé во светот е *поповрзано* и ниедна заедница не живее изолирано, туку постојат сé посилни и поблиски меѓусебни врски, кои создаваат единствени регионални и светски целини. Кај нас тоа прашање бликна по *скопскиот земјотрес* (1963), кога многу земји помогнаа да се санираат последиците од несреќата - па Скопје беше наречен **Град на солидарноста**. Во Полска, по многуте промашаи во развитокот и тешката ситуација за граѓаните, основана е прочуена организација "**Солидарност**" (1980), која масовно ги *обедини* сите добронамерни личности во земјата и иницираше суштествена промена на системот. Солидарноста со неразвиените, со страдалниците, со бедните е битна етичка вредност и ориентација на современото човештво.

Во своите учења, Вебер инсистира на **рационализмот** кај човекот и во човечкото поведение. Тој е просветителски настроен кога истакнува дека **разумот и слободата се суштини на човечката природа**. Слободниот човек знае што сака и е одговорен за она што го прави. За човекот да не се препушти на можните ирационални тенденции, кои може да го зафатат и да ги следи своите страсти, треба да биде проникнат со свеста за себе. Сега повеќе нема пророци кои човекот би го воделе со својот авторитет, туку вредностите треба сам да си ги определи ако погледне сериозно во својата епоха и си ги пронајде во самиот себе. За Вебер рационалноста е единствената современа човечка можност, која истовремено го означува и крајниот дострел на човечкиот развиток. Вебер не понудува формула за моралноста, но бара од човекот да ја реализира својата човечка природа, како и да заземе свесен став спрема реалноста.

Вебер ја развива **етиката на одговорноста**. Човекот треба да води сметка и за *последиците* на своето дејствување (што по едно столетие ќе води кон создавање на етичката теорија *консеквенцијализам*). Така човекот како рационално суштество со ум ќе го води својот живот и ќе му дава смисла на светот во којшто живее. Единствено човекот може (во некои аспекти) да ја надмине природната нужност и своето однесување може да го подреди на своите цели. Сепак, човекот мора да знае кои се *етичките противречности* - дека не може истовремено нешто да се сака и да не се сака, дека не може една вредност да се прифаќа и да не се прифаќа, дека не може заедно да се прифатат две спротивни вредности. Треба да се знае и дека не постои единствен систем од вредности, кој би бил прифатлив за сите луѓе. Сферата на вредностите има антагонистичко својство, но **човекот има сили да пронајде добри патишта за моралното постапување**. Вебер смета дека моралната автономија е над науката, а од социологијата, како што веруваа некои по Огист Конт, не следува директно практична социјална моралност. Моралните закони се разликуваат според функцијата која човекот ја има во семејството, работата, социјалната средина, во љубовта и во пријателството. Секој мора според својата положба да пронајде разрешување на своите различни противречности. **Морал има во секој сегмент од животот**, и историски и во сегашнината. Отстапувањата од вредните морални начела е дело на заблудите и на страстите.

За етиката се многу интересни Веберовите анализи на етичките страни на религиите, поврзано со нивните економски карактеристики. Една на најзначајните книги на современата мисла е "**Протестантската етика и капиталистичкиот дух**". Укажувајќи на регламентацијата на живеењето во сите сфери во новата протестантска ориентација на христијанството, Вебер покажува

дека економскиот успех на протестантскиот Запад е поголем и од оној во католичките земји, а далеку пообемен од сите други краишта на светот - а се должи на **особените морални принципи** кои протестантизмот ги изнесе и им ги наложи на своите верници. Тоа е пример на примената на идеал-типот во истражувањето. Во оваа опстојна студија, врз статистичките податоци, се покажува дека протестантите биле големи капиталисти и трговци веќе во првите периоди на новата религиозна ориентација и дека е така и во модерните времиња, каде се вмешани и развојот и социјалната структура во САД. Вебер дава анализа на практичното делување на религијата и научно докажува дека **капитализмот се развил со протестантската етика**. Иако развитокот на протестантизмот значел заменување на едни религиски форми со други, сепак е забележителен неговиот послободен и зголемен пристап кон економијата и индустријата. Станува збор за наклонетоста на протестантите кон **економскиот рационализам**. Потсетува на зборовите на Бенџамин Френклин дека срцевина на капиталистичкото размислување и моралност се етичките ставови на протестантите, различни од оние на католиците: "Мисли дека времето значи пари! Сети се дека кредитот значи пари! Мисли дека парите се оплодуваат. Биди свесен дека оној кој добро плаќа е господар на ќесето на секого. Покрај трудољубивоста и умереноста, за напредувањето на младиот човек ништо не придонесува толку колку точноста и справедливоста во сите негови зделки". Според Вебер, за капитализмот е важна кредитната способност, таа е својство на чесниот човек, а капиталот треба се зголемува независно од личните потреби.

Ова претставува **начин на живеење**, своевидна етика. Многу се истакнува **должноста**. Повредите на искажаните и на другите слични норми значат заборавање на должноста. Главното во оваа етика е заработувањето, а се **заборава секое уживање**, кое може да попречи на тоа. Хедонизмот не може да биде цел, важна е строгата свртеност кон работењето, заработувањето, умереноста. Не станува збор за среќата на единката, туку за доследна рационализација на однесувањето, живеењето и работењето. **Заработувањето е животна цел**, тоа е главен мотив на капиталистот. Тоа им е туѓо на луѓето во другите култури, кои не се обземени со тој дух. Ваквото размислување, според Вебер, е инспирирано од една типична религиозност. Целосното предавање на работењето е дел од капиталистичката култура. Човекот има непрестајни и строги обврски кон својата дејност, без оглед каква е таа.

Исто така е остра и **протестантската аскеза**. Постојат форми и периодични обврски за воздржаност во сите религии, но во ниедна тоа не е воздигнато на крајна животна ориентација, барање на кое е подложено секое суштество. Сега се препорачува мало трошење и избегнување на секој луксуз. Богатството не служи за слободна употреба како сопственост, туку за натрупување. Од учењето за *предестинација* (кое е преземено од свети Августин) личноста не знае во текот на животот дали ќе биде спасена и ослободена од прангите на вечните страдања. Токму богатството на некој начин му дава знак на човекот дека е во Божјата милост - затоа најбогатите на крајот на животот ги делат парите за социјални цели, а нивните потомци треба самите да заработат и некако да видат што Господ им подготвува. Така, од религиозна, аскезата се смести во професионалните обврски и економијата. Тоа е **животен стил**. Анализирајќи ги процесите во САД, Вебер вели дека таму заработувањето личи на спортски натпревар: "Уште никој не знае... дали на крајот на овој чудовишен развиток ќе се појават сосема нови пороци или силна преродба на старите сфаќања и идеали. Или на крајот... ќе дојде до состојба на механизирана скаменетост, која самата на себе си придава значење". Ваквите суштества Вебер

ги именува "стручњаци без дух", "уживатели без срце". Така Веберовото дело стигна да биде влијателно и во нашите дни, во кои се кршат копјата околу натамошните етички патишта на човештвото.

Интересни се и два прилога (1919) на Вебер за **професионалната етика,** која порано била дел од занаетчискиот дух и реалност, но станува поинтензивна и општа со развојот на човештвото, економијата, масовното работење и специјализацијата наспроти слоевите кои не работат или се земјоделци. Студентите го замолиле Вебера да им одржи предавање за политиката и за науката како професии. Во двете предавања тој ги изнесл своите големи животни искуства како сознанија и упатства за помладите колеги, а главно се однесуваат на моралните аспекти.

Во **Политиката како професија**, мисија, повик, Вебер ја дефинира *политиката* као "управување или влијание врз управувањето со политичкиот сојуз кој го нарекуваме *држава*", а специфично средство што таа го применува е *насилство*. Најнапред (во 2/3 од предавањето) говори за функцијата на политиката, споредувајќи некои историски факти за политиката во одредени епохи или во некои земји. Укажувајќи дека со политиката политичарите може да се занимаваат на два начина, да живеат "за" политиката или "од" неа, Вебер ги образложува својствата на политичката дејност - интересот во политика (на релативно малиот број луѓе кои учествуваат во неа), организацијата на власта (хиерархија, чиновници...), партиите, шефовството на водачите, односите со медиумите. Функционерите треба да ги извршуваат задачите "без гнев и пристрасност", додека политичарите внесуваат определби, борба, страсти. често се демагози. За Вебер одговорноста не е најсуштествена за политичарот, туку способноста на добра проценка и држање на дистанца, а особено стремежот кон моќ и водењето сметка за впечатокот што го остава. "Каков е вистинскиот **однос помеѓу етиката и политиката**?", се прашува на крајот Вебер. За етичките барања не може да биде сеедно тоа што политиката значи моќ која се служи со насилство. Како различни, ги посочува најпознатите етички пораки од Исусовата "Беседа на горката". Истакнува дека сушноста на етичките заповеди е што тие не се интересираат за општествените последици, заповедите се безусловни. Етиката на љубовта бара "На злото не одговарај со сила", политичарот има друг став "На злото треба да се противставиш со сила, инаку ќе бидеш одговорен што во светот се зголемува злото". За апсолутната етика кажувањето вистина е апсолутна нужност, таа не прашува за последиците. Политичарот смета дека вистината може да се злоупотреби. Етиката на чистата волја се грижи само да не згасне пламенот на добрата намера, а во политиката често постигнувањето на добри цели е поврзано со етички сомнителни или опасни средства, како и со можноста од лоши придружни последици. Вебер истакнува дека во политиката насилството е најважно средство, дека целите ги оправдуваат средствата. Како граѓани ставени сме во различни животни сфери, кои имаат различна законитост. Она што не го оправдува етиката, се прави во политиката - се задоволуваат омразата и желбата за одмазда, се оцрнуваат противниците (барем како еретици). Овие **етички парадокси** треба да ги имаат на ум оние кои решаваат да се занимаваат со политиката, ги предупредува студентите Вебер. Кој бара спас на душата, на својата и на другите луѓе, нема што да бара во областа на политиката", која има други поставки и задачи, кои можат да се решат само со насилство. "Политиката се води со главата, но не само со главата", заклучува Вебер. За политиката нема место во предавалните. Добродетелите на политичарот не можат да се мерат со вредностите на научникот - не може истовремено да се биде активист и научник, а да не се поремети достоинството на двете професии или да не се направи промашување во двете. Но, надвор од универзитетот може да се заземаат политички ставови, а за политиката е корисно во власта да се води

сметка за објективната наука. Ставовите на науката можат да му послужат на практичниот дејственик, но нивните погледи се разликуваат според целта, а не според структурата.

Второто предавање **Науката како професија** е исто така реалистичко и поучно. Вебер укажува на разликата помеѓу Универзитетот во Германија и во Америка и посочува дека во Германија се очекува научно напредување, а во САД работата е попрагматична, младите извршуваат конкретни задачи, "како што работат продавачките", како што сите претпријатија таму имаат капиталистички и бирократски белези. Втората разлика е во очекувањата од студентите - во Германија, покрај занимавање со науката, секој на универзитетот треба да држи и настава. Вебер им забележува на младите што очекуваат наставниците-научниците да бидат вдахновени, а тоа значи да бидат и "животни учители", "пророци", "водачи", а тоа ретко е можно (99% од професорите ниту имаат способност, ниту желба да за тоа). Всушност, проблемот е дали науката дава одговор на суштественото прашање: "Што да правиме? Како да живееме? " (Вебер посочува дека Толстој токму поради недостигот од ова рекол дека современата наука нема смисла). Од научникот може само да очекуваме научна чесност. Не смее да наметнува свои погледи во смисла да ги привлекува слушателите кон својот политички став - всушност "на пророкот и на демагогот не им е место на универзитетската катедра", тие треба да улицата да говорат јавно. Професорот мора да ги научи студентите да ги почитуваат неугодните факти (а за секого постојат такви), со што извршува не само интелектуално, туку и морално дело. "Слабост е да не може да се погледне во сериозното лице на судбината на нашата епоха". Професорот кој сака да биде советодавец на младината за животните прашања, тоа може во личниот контакт, но не смее да биде арбитар во борбата на различните погледи на светот. А што тогаш може да биде позитивен придонес на науката за практичниот и личниот живот - што би било вистинско прашање за научната професија? Вебер посочува дека науката дава технички знаења како систематски да го контролираме животот. Науката исто така може да даде упатства за методите на мислењето, орудија и вежби во размислувањето. Може да им помогне на младите да си го разјаснат себеси она што ги интересира. Исто така, покажува какви различни ставови може да се заземат кон вредносните прашања, како и тоа какви средства треба да се применат да се реализира соодветна цел - тука може да им се образложи разликата помеѓу злото и доброто и дека при секое дејствување мора да сметаат и на сообразни последици. Значи, може да ѝ помогне на младата личност да ја разбере крајната смисла на своите постапки и да си даде себеси сметка за тоа што го прави. Според Вебер, научникот има должност "во душата на другите луѓе да им создаде јаснотија и смисла за одговорност", а тоа полесно ќе го направи ако не им наметнува некое определено уверување.

Дали така објаснетата наука може за некого да стане вредна професија, повик, и дали таа објективно заслужува почитување? Да, одговара Вебер, кажувајќи дека токму тоа е неговата работа. "Науката денес е професија која се базира врз специјализација, а е во служба на самоосвестувањето и на здобивањето на знаења за односите помеѓу фактите", а не е милост за давање спасение на душите или откровение од некој визионер или пророк. Судбината на нашата епоха, истакнува Вебер, е рационализација, интелектуализација и отклонување на сите магии од светот (и современата уметност е интимна, а не монументална). "Во универзитетските стаи не важи ниедна друга добродетел освен едноставната интелектуална чесност... Мора да се прифатиме за работа и да настојуваме да ги задоволиме денешните барања, и во човечка и во професионална смисла". А тоа, според Вебер, е лесно ако секој си го слуша својот внатрешен глас.

Од другите бројни Веберови истражувања и откритија ќе ги споменеме само оние кои денес се многу интересни и влијателни - неговите согледби за суштината

на **бирократизмот**. Според него, тоа е најрационална форма на општествена организација, општествен механизам кој систематски ја сообразува работата на мнозина единки и со најголем успех ги реализира поставените задачи во секоја област на управата или на економијата. Таа е највисок израз на безличното владеење на законот. Помогнала при современата општествена преобразба и за искористувањето на придобивките на индустриската револуција. Таа е во центарот на општествените институции и ги проникнува сите страни на општествениот живот. Резултат е на високото ниво на поделбата на трудот. Во неа службената сфера е одделена од приватните цели и работи. Ја следи инструменталкната рационалност. Но, има и внатрешни противречности, кога бирократскиот апарат донесува самостојни решенија. Или, тоа ја одразува изместената политичка реалност кон владеење на недемократски групи (Вебер претпоставуваше дека социјалистичките земји уште повеќе ќе ја развијат бирократијата и деа во нив таа ќе триумфира над човекот - според него ќе дојде до "диктатура на бирократијата", а не до навестената "диктатура на пролетаријатот"). Неговото крајно сфаќање е дека човекот не може да ги скрши прангите кои ги развил историскиот развиток - судбината на човекот е конечно запечатена, сеедно дали на капиталистичка или на социјалистичка основа.

Вебер ги испитувал релациите во разните историски периоди, бил експерт за суштините и идеите во разни религии на Истокот и на Западот, а посебно ги испитувал економските односи во нивни рамки, развивал методолошки основи на новите социолошки истражувања и го развивал категоријалниот систем во многу области..., а посебно секаде ги согледувал и објаснувал етичките односи, тенденции и вредности. Затоа неговите книги и денес се актуелни.

**Етички мисли на Макс Вебер**

"Слободно е само рационалното постапување."

"Прашањето за силите што ја раздвижија експанзијата на модерниот капитализам не се однесува, на прво место, на потеклото на капиталот што може да се користи, туку на развитокот на капиталистичкиот дух."

"Целта на воспитувањето е создавање на човек кој ќе живее на начин којшто се смета за културен."

"Ние научниците... може единката да ја обврземе, или бар во тоа да ѝ помогнеме, да ја согледа крајната смисла на своите постапки."

# 76. Петар Данов
# ЉУБОВТА ПОТТИКНУВА НА ПРАВЕЊЕ ДОБРО



Кај доста етичари нивниот **живот и дејствување се совпаѓаат со нивната концепција**. Не станува збор за тоа дали тие се придржуваат кон вредностите што ги препорачуваат - кај најголемиот број мислители, кај сите основни етичари, чии идеи ги претставуваме во оваа книга, таков е случајот, тие се први спроведувачи на своите ставови. Ретки се големите етичари кои манипулираат со луѓето, кажувајќи едно, а правејќи друго. Тоа е можно само кај некого кој во етиката видел средство за свој пласман во човечкото општество и култура, а не верува искрено во зборовите зад коишто ја крие својата вистинска природа (такви денес ќе има сѐ повеќе, како што расте потребата од етичко однесување во современиот живот, па таквите, криејќи ги своите вистински погледи, а сакајќи да го искористат зголемениот пазар за етички книги, предавања, истражувања, пропаганда, ќе изложуваат лажни идеи, мисли, вредности, во кои тие лично не се уверени и не ги носат во срцето, во надеж да се здобијат со некаков ќар, односно со амбиција да ја конзумираат својата *хипокризија*, преправање, "продавање магла").

Помеѓу етичките гении во книгава ниеден не е homo duplex, "двојно обликуван човек", чии верувања и морал се расчепатени. Духот и етиката кај нашите автори се усогласени. Кај Петар Данов, познат современ бугарски етичар, живеењето и зборовите меѓусебно се слеани во напливот на големата етичка енергија, која извира од нив.

**Петар Данов** е роден во 1864 година во селото Николаевка, блиску до Варна, на црноморскиот брег, во семејството на свештеникот Констанин Дановски. Средно образование завршил во својот регион, по што бил учител во мало место на Дунав. Тогаш почнал интензивно да се интересира за духовните вредности и за смислата на животот. Заминал во САД (1888-1895), каде завршува курсеви по медицина и по теологија и се занимава со современата наука. По враќањето во Бугарија ја започнува својата **духовна и просветителска мисија**. Излегува неговата прва книга "Науката и воспитанието" (1896), во која ги објаснува својата философска и етичка концепција и покажува со кои методи и принципи ќе ја истражува *универзалната поврзаност* на сепостоечкото. Тој јасно се определува да се занимава со моралните начела, со вечните закони на природата и со човековата духовност.

Во 1898-та во Варна Данов ја објавува беседата "Повик до народот бугарски - синови на словенските семејства", со која се претставува како *учител*, повикан на својот народ и на целиот свет да им го предаде **новото универзално учење**, базирано врз поврзаноста на духовноста на западната цивилизација со езотеричките учења на Истокот, како и врз единството на древното со современото христијанство. Говори за својата **мисија**, за посветување на човештвото и на новата култура, која ќе донесе Љубов, Братство и Слобода во човековата мисла и живеење. Во книгата "Седум разговори со Духот Господов" (1900) ја развива натаму својата религиозно-философска концепција. Потоа цели 12 години патува низ Бугарија, каде во градовите и во селата беседи за копнежот за благородно живеење, истакнувајќи ги вредностите Добрина,

Убавина, Хармонија, пропагирајќи ги љубовта, духовноста, етиката, ненасилството, хуманизмот и алтруизмот (сочувани се 7.000 вакви беседи). Особено е популарен кај интелектуалците со своите астролошки, гностички, окултни и современи теософски теории. При сето тоа тој е **етички просветител**, кој понудува алтернатива на вообичаените морални вредности и норми.

Од 1900 година, Данов се поврзува најпрвин со 3 свои ученици, а потоа со поголем број, и создава "**Бело братство**", кое организира средби и дискусии за најразлични прашања на животот и на етиката, поттикнува интересирање за продлабочени философски истражувања, организира посета на природни убавини и интересни места. Се изведуваат и колективни молитви. Како термин за официјално одржување на собирот на сите членови се определува 19 август (немам податоци за поврзаноста, но ние во Кавадарци тогаш традиционално особено свечено го одбележуваме големиот христијански празник *Преображение*). До 1944 година собирите на Братството масовно се посетени, од 1944 до 1989 се забранети од комунистичката власт, а од тогаш повторно на планината Рила во реонот на Седумте рилски езера на нив присуствуваат голем број почитувачи на идеите на Петар Данов, членови на меѓународното движење "Бело братство". Посебно во мугрите го поздравуваат изгревот на Сонцето.

Во 1904-та Софија станува центар на дејноста на Данов. Тој ги ширел јавно своите учења, особено биле интересни неговите заложби за автентична етика, со највисоки вредности на хуманизмот, љубовта, ненасилството и помагањето меѓу луѓето. Тој одел облечен во *бела* долга наметка со развеани коси, бил забележан и почитуван жител на бугарската престолнина. Од 1920 година развива нов вид активност. Тогаш во северна и во средна Европа започна движењето "натуризам" за љубов спрема природата и за развивање на хармонични врски со природата и живиот свет (еден вид претходница на денешната екософија и еколошка етика). Данов и приврзаниците секое утро оделе во прошетка низ боровите шуми и во околината на Софија закупиле неколку ливади, каде поставиле скромни шатори и формирале мала населба *Изгрев*. Идејата била да се создаде живеалиште за луѓето кои целосно се согласни со етичките идеи на **Учителот**, како што веќе одамна мнозина го нарекуваа Данова, кој го користеше името Беинса Доуно. Населените саделе градинки, граделе куќички, правеле улици, основале училиште за младите, а потоа и за возрасните (1922). Во училиштето е создаден општ клас за себепознавањето, каде што се изучувале законите на битието, вечните начела на Творецот и, покрај разни езотерични науки, и принципите на светската хармонија. Целиот кварт традиционално се нарекува "дановистички". Во 1928-та се изградени специјален салон за предавања и просториите за Учителот, кој се населува таму. Предавал 3 пати неделно. На планината Рила основал (1929) школа на "Белото братство" за пропагирање на трите основни вредности на движењето Љубовта, Мудроста и Вистината. Данев проповедал без престанок, живеел за својата мисија, мошне скромно, аскетски. Последното предавање го одржал на 7 дни пред да почине во декември 1944 година (впрочем, иако и до тогаш имаше разни проблеми со властите поради слободарскиот и нагласениот етички дух на своето учење, сега веќе беше евидентно дека новиот режим ќе ја прогонува дејноста на Данов и дановистите).

Од Данов се останати огромен број книги, за најразлични теми. Постојат преку 7.000 негови беседи, многу од нив публикувани во целини според тематиката, а доста од нив се преведени на странски јазици. Беседите се неисцрпна ризница на етички ставови, со кои Данов се обидуваше духовно да ги раздвижи, да им ги зголеми сознанијата и да ги насочи кон етичко дејствување своите слушатели. Данов беше популарен во САД и во Франција, подоцна во Русија, Канада, Велика Британија, Германија и во други земји. Тој ужива **голем углед** кај етичарите поради своите

заложби за строг и одговорен морал на љубов и почитување на другите суштества, но и кај мистиците, кои во неговите зборови ги препознаваат своите настојувања за интимно поврзување со таинствата на природата, иако Данов развива и просветителство, и научна основа на биолошката каузалност, а ги користи и искуствата од индиските учења за кармата и реинкарнацијата. Неговите учења се навистина богати и комплексни.

Данов **најчесто зборуваше за љубовта** како вредност и човечка нужност. За него љубовта е духовна и божествена храна, која на луѓето им дава смиреност, доблест и алтруизам во контактите, а го охрабрува човекот за продуктивно создавање и за реализирање на својата креативност. Данов укажува дека во светот постојат две сили: "Силата без љубов е физичка сила, која урива, а силата со љубов е божествена, која создава". Човекот кој љуби е духовен субјект, пројавува позитивна енергија, љубовта го дистанцира од негативното, го мотивира кон благородното и хуманото, тој изградува хармонија. Данов потсетува на зборовите на мудрецот Соломон: "Љубовта дава живот". Оние кои се предадени на физичката сила, дејствуваат егоистички, намислуваат и прават зло, го ограничуваат законот на љубовта, прават дисхрамонија. Двете спротивни страни постојат во природата, укажува Данов, денот и ноќта, светлината и темнината. Но, на злото и омразата не треба да им се дозволи да предизвикуваат негативности и нечесност, треба да ѝ дадеме на божествената сила на **љубовта да завладее со духот и срцето на човекот, за да го поттикне кон правење на убавото, доброто и хармоничното**.

Сите пројави во животот се внатрешно поврзани. Тоа може да се согледа единствено преку вредностите Љубов, Мудрост и Вистина. Според Данов, Љубовта е израз на вечната хармонија, Мудроста ги донесува Божествената светлина и знаење, Вистината дава етичка насока во животот. Нема поголема сила на светот од љубовта, како што и вистината како духовна убавина може да ја разбере само личноста која е ориентирана кон етиката и човечките должности. Секој се запрашува како може да биде сакан, за да ги реализира своето присуство, личност и среќа во светот. При надворешната љубов може да бидеме сакани поради убавината, силата, учeноста или богатството, вели Данов. Но при внатрешната љубов личноста е сакана поради позитивниот и доблесен карактер.

Данов размислува и философски. За него **секое движење означува љубов**. Сонцето и Земјата, приливот и одливот, сé што се движи во природата произлегува од законот на љубовта. Ако работиме нешто, и за тоа сме заинтересирани само материјално, егоистички, нема да стигнеме до суштествената цел, ќе ја загубиме идејата. Само љубовта ја раздвижува креативноста, која ги сврзува идеите од повисоките духовни светови. Така вистински се изразуваат талентите и се гради културата. Љубовта функционира кај човекот на неколку начини - како стремеж во емоционалната сфера, како чувство во душата, како сила во креативната сфера на умот, како принцип во духот.

Карактеристика на љубовта е дека таа е **давање**: "Поблажен е оној кој дава од оној кој прима. Сé додека има љубов во вас, давајте! Давањето е внатрешен процес, кој го поврзува човекот со Бога. Оној што не дава, не може да се поврзе со Бога". Љубовта кон другиот е најдоброто што може да го направиме за себеси. Оној кој го почитува законот на љубовта малку зборува, а многу прави, создава хармонични вибрации во душата и во контактот со другите. Каде што царува љубовта постои постојан прилив на *енергија*, која го помладува духот на човекот и го оттргнува од тешкотиите. А кога љубовта ќе го напушти човекот, неговиот живот се скратува, станува празен и бесмислен. Љубовта е сила на давањето затоа што не може да се ужива во љубовта ако личноста не е готова неа да ја сподели со друга личност. Таа е радост на давањето. Данов предупредува на една животна илузија - се мисли дека треба-може да се сака

само личност со исти својства; тој укажува дека не постојат две исти личности, како што во природата нема два исти моменти. Како поетите на љубовта, кои принципиелно не сакаат да ја ограничуваат саканата личност, и Данов посочува дека во љубовта не треба да се управува или контролира саканата личност, туку е најдобро да се остави таа слободно и независно да ги покаже своите вредности, потенцијали и интереси. За Данов, значи, љубовта не се концентрира кон ограничување, туку кон обединување, кон *надополнување*.

Вториот етички карактериситичен став на Данов е **ненасилството**. На Балканот владее идеологија на бескрајно социјално и лично натпреварување, поврзано со најлошата горделивост и, често, со злоба. Вредностите на воздржаноста, помирливоста, простувањето, неправењето зло се загубуваат пред спротивните, кои се изразуваат негативно. Данов е идеолог на *новиот етички дух*, кој се застапува за секаков вид ненасилство, конфронтирање, неповредување. Тоа е инспирација од индиските џајнисти, како и од изворните зборови на Исус Христос. Данов ги учеше учениците на смиреност и кроткост, да не им нанесуваат болки и страдање на другите суштества, да се однесуваат добро и спрема луѓето, и спрема животните, и спрема растенијата, да не ги сечат неодговорно шумите...: "Научете да ги љубите не само луѓето, туку и најмалечките мушички". Всушност, како што Данов истакнувал дека има мисија да ги шири позитивните сознанија, така и секој човек има мисија да ја развива добрината и да ги реализира своите духовни потенцијали.

Секој човек може да ги извршува етичките задачи: "Тоа ќе го постигнува ако научи да се воздржува од ниските страсти, ги елиминира своите анимални нагони и ги искорени егоистичките желби и страсти - кои се извор на злото во личниот и во општествениот живот". Според Данов, постојат два вида луѓе. Едните донесуваат љубов, светлина и правдина, другите се носители на безљубието, темнината и на неправедливоста. Овие втори карактеристики се извор за немирите, војните и безредијата во светот. Излезот од ваквите негативни и трагични состојби е во иницирањето на љубовта, мирот и хармонијата. **Човекот е одговорен за секоја своја мисла и постапка**. Ако не ги следи етичките начела, во светот завладува дисхрамонија, која не е трајно начело, туку резултат на човечките несоодветни постапки. Со добрината и следењето на универзалните позитивни вредности ние може да го хармонизираме светот во кој живееме.

Човекот треба да научи да ги разликува појавите и последиците на доброто и на злото. Значи, од човекот зависи дали ќе се раководи од ниските страсти, а ќе ги запоставува моралните вредности, духовноста, хуманоста и алтруизмот. Всушност, човекот треба постојано да има на умот дека лично е одговорен за сé што му се случува и дека секој може сам да направи промени во животот. Животот има убавина, суштина и смисла. Секоја мисла, чувство, постапка треба да бидат разумни, убави, морални, да имаат смисла. Површноста, неразумноста, егоизмот, бесчувствителноста и порочноста го прават животот бесмислен и го водат човекот кон безвредност на својата егзистенција.

Со иницирањето на етичките вредности Данов е сигурен дека ќе помогне да се изгради нова култура и да се воведат нови методи кои ќе водат кон подобрување на живеењето. Но пред сé **љубовта треба да биде присутна во човечките души**. Исто така, и правењето добро:"Ако сакате да постигнете нешто, пројавете го доброто во себе и никаква сила на светот не е во состојба да ви попречи во правењето добро. Внимавајте на своето достоинство, како што внимавате на својата душа". Правењето добро, чистотата на душата, според Данов, водат кон подмладување, засилување на способностите, подобрување на здравјето и хармонизирање на личноста - толкава верба има Данов во етиката и во нејзиното влијание врз психата. Со добрите дејства човекот

престанува да биде играчка на судбината. За прашањето на целите и средствата Данов истакнуваше дека за благородните цели се нужни и благородни средства. Иако на светот постојат страдања, Данов веруваше дека тие еден ден ќе исчезнат и во животот ќе има само радости, кога љубовта и етиката ќе имаат надмоќ во животот, а разумот ќе стане услов за нивната пројава, бидејќи за разумниот човек е достатно веќе од далеку да го види проблемот за да преземе мерки да го избегне.

Така Петар Данов долготрајно влијае врз вградувањето на идеалот на добрината во луѓето, што е претпоставка за нивното правилно живеење и добри односи во заедницата. Затоа толку биле забележливи и тој и неговото учење, кое сé уште е моќно кај големиот број приврзаници и почитувачи на неговите етички идеи.

**Етички мисли на Петар Данов**

"Само Бог го учи човекот... Тој ќе ви каже само еден збор. Ако не го разберете, ќе загубите сé. Кога Бог им говори на луѓето, повеќето од нив спијат."

"Изучавајте ја Природата и правете преводи за себе. Набљудувајте ги цвеќињата, тревките, дрвјата, изворите, светлината. При тоа отстранете ги сите впечатоци кои го разнишуваат и причинуваат затемнување на сознанието. Кога човекот го прави ова, треба да ги отстрани сите лоши мисли и чувства."

"Секоја лоша мисла, лошо чувство, лоша постапка во животот се пројавува во вид на ревматизам, или на чир или на друга болест. Чувајте се од страв, омраза, неспокојство, завист, љубомора и од други негативни состојби, кои создаваат отрови во организмот."

"Низ страдањата човекот се кали и испитува."

"Во светот има еден голем закон - човекот не може да живее сам за себеси."

# 77. Махатма Ганди

## ТРАЈНИ ВРЕДНОСТИ ВИСТИНАТА И НЕНАСИЛСТВОТО



Од историјата на разни народи и од историјата на нивната етика може да видиме дека кај нив моралот бил развиен пред да се појави етичарот, кој со значајни решенија и објаснувања ќе ја оправда дотогашната морална реалност или ќе определи нова цел и подолжителни насоки за таквите морални патишта на тој народ. Некои етичари само ќе ги развиваат постоечките норми и поцелосно ќе ги опишуваат. А некои веќе развиените вредности подобро ќе ги сместат во етички систем и така ќе ја развијат етиката и етичката наука. Сето тоа го направи еден од најпознатите етичари на новата епоха Махатма Ганди, создавачот на нова Индија. Тој **покажа колку етиката е важна за животот** и колку во новиот свет ќе биде потребно сите луѓе да размислуваат етички и да се трудат да градат позитивно етичко однесување, чии основи тој ги најде во традицијата.

**Мохандрас Ганди** е роден во 1869 година во градот Порбандар на морскиот брег, во малата држава Катлавар Гуџерат, во западна Индија, помеѓу Карачи и Бомбај (Мумбаи). Неговиот дедо Утамчанд бил успешен прв министер на локалниот принц, а потоа 28 години тоа бил и татко му Карамчанд. Кога имал 7 години, семејството се преселило во Раџкот, поголем град каде што имало регуларно училиште (во Порбандар децата учеле да пишуваат на песокот). Од мајка му ги наследил силината на верата, грижата за луѓето и аскетизмот. Неговиот регион бил познат според религиозноста и значајните верски лидери од историјата, а татко му се дружел со верници од сите вери - џајнизам, ислам, христијанство. Во "Автобиографијата" Ганди пишува дека од палавост неколку пати јадел месо и пробал да пуши, но се откажал. Го ожениле на 13 години. На 18 години заминал во најблискиот универзитет во Бавнагар. Но таму се учело на англиски. Еден семеен пријател предложил дека е подобро да оди да учи *во Англија*, каде ќе добие и повалидна адвокатска диплома. Три години (1888-1891) Ганди минал во Лондон. Пред да појде, на нејзино барање, се заколнал на мајка си дека нема да јаде месо и да пие алкохол. Во Англија тогаш стана модерно **вегетаријанското** движење. Ганди ја прочита книгата "Пледоаје за вегетаријанството" од Салт и за целиот живот ги усвои тие начела. Ги познаваше основните верски идеи, но тука почна да се интересира за историјата и суштината на Индија и да чита значајни дела од индиската култура (класичното дело "Бхагават-Гита", "Песна на Возвишениот", базично етичко дело на хиндуизмот, дел од епот "Махабхарата", ќе стане основно за неговите погледи). Ганди ја чита и Библијата, а во дискусиите со индиските студенти поблиску се запознава со положбата на Индија окупирана од Англичаните, како и со зародениот индиски национализам во двете варијанти - хинду и

муслимански. Не се интересирал за научните и социјалните идеи (Дарвин, Хаксли, Маркс), туку за развитокот на личноста и за етичките прашања.

Кога се вратил, мајка му тукушто умрела. Бил кусо време советник во судот во Бомбај, но престанал, сметајќи ја дејноста за неморална. И пред да почне да работи како адвокат, изјавил дека ќе ја напушти парницата ако ја смета за неправедна. Во 1893 година го испратиле на процес против Индиец во Јужна Африка, која исто така е британска колонија. Таму ги малтретираат бројните населени Индијци, а за црното население ќе прогласат најостра сегрегација во XX век. Чувствата на Ганди се развиваат кон користење на правото како одбрана на *човечкото достоинство*. Потоа поттикнува и движење за рамноправност, во кое ќе ги вклучи индиските идеи на *вистината* и на *ненасилството* - што ќе стане основа за натамошната активност на Ганди. Во Јужна Африка е речиси 20 години, станувајќи угледен лидер на индиската емиграција и морален победник во судирите со нетрпеливите дискриминатори. Таму му го дадоа името **Махатма**, што значи *голема душа* - тоа е поим од "Бхагават-Гита" а Индусите со такво име ги нарекуваат вистинските верски водачи (како *Махавира* Џајна). Во 1904 година кај градот Дурбан Ганди основа земјоделска колонија според идеите на Лав Толстој, кој е лидер на новата светска етика на љубовта и на ненасилството и со кого се допишуваа. Ја нарекува "Толстој", ги привлекува Индусите, им дава земја, но мора да се заколнат дека ќе останат сиромашни (скромноста е една од идеите и на Толстој). Ганди им помага и на властите кога треба. За време на Бурската војна, организира индиски Црвен Крст за помош на ранетите. Во 1904 година, при епидемија на чума, организира болница во Јоханесбург, а во една подоцнежна побуна создава болничарски одред. Сепак 3 пати го затвораат и донесуваат прописи потив Азијците. Тогаш Ганди ја напиша прочуената книшка "Хинд Сварaџ", со барање самоуправа на Индијците, која францускиот писател пацифист **Роман Ролан** (1866-1944, кој напиша најпозната светска *биографија* на Ганди), ќе ја нарече "евангелие на херојската љубов", поради методите кои во политичката борба ги предлага Ганди. Организираниот не-отпор од Ганди донесе успех - отфрлени се несправедливите прописи.

Ганди се враќа во Индија како изградена морална личност и силен застапник на религиската основа на етиката и политиката. Во Индија се развива национално-ослободително движење, пред тоа е основана партија која ги опфаќа сите Индијци (**Конгрес** - идеја која веројатно влијаеше и на основањето на македонската организација ТМОРО, ВМРО). Ганди смета дека е возможно да се убедат Британците да постапуваат справедливо и дека за Индија е подобро да оди заедно со големата империја. Кога почна Првата светска војна, Британија им навестува на Индијците дека ќе им даде слобода. Ганди организира здравствена помош за ранетите, милион индиски војници заминаа на боиштата. По Војната Британија бесмислено почна со уште пострi мерки против Индијците. Се разгорува националниот отпор - политички водач станува математичарот Локамани Бал **Тилак**, кој сé во животот подредува на борбата за слобода на татковината, но умира во 1920 година. Религискиот инспиратор Ганди станува и политички водач. Тој ја развива идејата дека пред сé треба да станат познати духовната и социјалната историја и исклучителните морални дела на Индија (што потоа како базична книга "Откритие на Индија" ќе ја напише младиот соработник **Џавахарлал Нехру**, 1889-1964); тие веќе делумно се претставени на светот, но се малку познати дури и за Индијците. Се разгорува желбата за образование, се основа прв нов универзален индиски универзитет во Ахмедабад. Ганди бара единство на народите на 300-милионска Индија и

воспоставува блиски врски и солидарност со водачите на муслиманската организација, како браќата *Али*. Според искуствата од Јужна Африка, Ганди укажува на нужноста на економска самобитност на Индијците, на скромноста и умноста во трошењето, но и на посветеноста кон работата, за која може да се искористи народното производно искуство, во прв ред предењето и ткаењето; тоа беше особен проблем на односите со Британија, која го земаше индискиот памук и продаваше англиски текстил, со што го пореметуваше индискиот пазар. Исто така, како специјално прашање, уште од младоста Ганди постојано говореше против тоа еден слој од населението (најниската каста) да се смета за "*недопирливи*", што создаваше не само нивно страдалништво. туку и општа нечовештина и нееединство во нацијата (ги имаше 40 милиони).

Најзначајниот придонес на Ганди кон националното самоосвестување, обединување и победа во борбата за слобода се учењата за **Вистината** и за **Ненасилството**. Вистината - *хинд*. Сатја, Сатјаграха - е највиша добродетел и дострел на човекот. Според Ганди, тоа е Бог, основната вредност која човек може да ја следи и која на човекот му ги открива сушноста и смислата на живеењето. "Пред сé **Бог е вистина**, тоа е, според мене, Негово најточно опишување со човечкиот јазик. Дури се осмелувам да ги пресвртам поимите - вистината е Бог (така им одговарам на атеистите)", вели Ганди. - "Според хинду философијата само Бог е. Нема ништо освен Бог. Затоа заклучуваме дека истината е Бог. Санскритскиот збор за вистината - *сатја* - буквално означува *тоа коешто е*". Затоа Ганди посочува дека барањето на вистината е вистинска добродетел, зашто тоа е патот кој нé води кон Бога. Кога го прашале Ганди за вистината, тој одговорил: "Јас тоа го разрешив за себеси. Вистината е тоа што го говори мојот внатрешен глас", така поврзувајќи ја вистината со *совеста*, како основа за етиката. Се разбира, тешко се доаѓа до вистината и многу луѓе не стигнуваат до неа, заталкуваат на тој пат, којшто бара строга дисциплина и самосвест за своите ограничувања. Ганди укажува дека до вистината може да стигне само оној кој е смирен и воздржан. Гласот на совеста не може да се чуе без самодисциплина. А без вистината не е можно да се следат определени принципи или кодексот на поведение и на живеење.

Ганди учи дека преданоста кон вистината треба да биде "единствена основа на нашето постоење. Сите наши дејства треба да се вистинити. Вистината треба да е духот на нашиот живот" (кога човекот ќе стигне до тој степен, за него стануваат лесно достапни сите други етички начела и тој инстинктивно им се подложува). Но, важно е да се знае, истакнува Ганди, дека за обидот да се бараат и најдат вистината и Бог неопходни се неколку заклетви, т.е. доследни лични определби - за самата вистина, за непорочноста, за ненасилството, за сиромаштијата и за непосакувањето ништо, зашто само така може да се тргне по патот на вистината. Стандардно е дека вистината значи дека треба лично секогаш да говориме вистина, но Ганди посочува дека тоа пошироко значи дека **вистина треба да има во мислите, во зборовите и во дејствата**. Кој стигнал до вистината, тоа сознание задолжително се вклучува во секоја постапка. Ганди предупредува дека "барањето вистина можеби ќе значи страдање, понекогаш дури и смрт", но за тоа никој не може да биде постојано губитник, ако и скршне од патот, насоката кон вистината ќе го врати на вистинскиот пат. Патот на вистината, како што укажуваат сите етичари во учењата за врвните добродетели, е тесен и прав: "Небаре сакаш да одржиш баланс на острицата на ножот". Концентрацијата за доаѓање до вистината треба да биде поголема од онаа за одење по јаже. "Човекот може да ја дознае вистината само преку постојани усилби", истакнува Ганди. Интересно е дека во своите прочуени

статии-јавни писма до Индијците, кои ги испраќаше од затворот (1922-1924), насловот на тие клучни пораки беше "*Писма за вистината*" и во нив Ганди непрестајно предупредува на потребата за освестување и барање на вистината. **Само вистината ќе не спаси!**, не несвесноста, не илузиите и погрешните чекори.

Истата духовна страст, увереност и енергија Ганди вложи во сознанието и примената на еден стар индиски метод, познат уште од Џајна и Буда, кој тој го изнесе пред своите сограѓани и пред светската јавност, применувајќи го во политичките настапи и борба. Тој метод, иако мнозина сметаа дека нема да даде плодови, донесе ослободување на Индија. Тоа е **Ненасилството**. Поимот *химса* е негативен содружник на живеењето, т,е, тоа е *насилство* и повредување, а со тоа и неводење сметка за луѓето, за другите живи суштества и за стварите. Одречниот поим **ахимса** е еден од најдоблесните од светската историја, во древната Гита значи "отсуство на желба да убиваш", а него Ганди со доверба и доследно го применуваше во препораките и во дејствата свои и на народот против окупаторите, Овие применуваа насилство, убивање, притисоци, казнувања, малтретирања, но не успеаа да го скршат духот на освестените луѓе, кои го слушаа Ганди (иако имаше и приврзаници на насилството за овие судири против непријателите, нив Ганди принципиелно не ги осудуваше, за некои кажа дека се оправдани, но никогаш не се откажа од ненасилството). Со ненасилството се отвори пат кон светлината и животот. Ганди истакна дека **ненасилството треба да се манифестира во сите дејства** и дека ќе донесе успех. Ненасилството претставува **совршенство**. Кога експлодираа *атомските бомби* во Јапонија (1945), Ганди изјави дека човештвото ќе се самоубие ако сега продолжи со војни. Ганди го испроба ненасилството во Јужна Африка, а потоа многу пати во Индија, што водеше кон хуман подем на народноослободителната борба, и покрај отпорите и злосторствата на властите спрема ненасилните луѓе (новата историја на Индија е полна со прекрасни примери и настани на ненасилството). Кога му забележуваа дека овој метод е бавен, Ганди одговараше дека методот е меѓу најбрзите и најсигурните. Се разбира, укажуваше дека сите треба да го применуваат едновремено, впрочем "за правилната примена на методот на ненасилство треба да поверуваме во способноста на секоја личност" да може да се самоизгради со таква идеја. Кога се применува ненасилството, "човекот не треба да пројавува јадосување или гнев кон оној кој му направил зло", повеќе треба да му посака подобра судбина и да прости, но и да истрпи секое зло што може да му биде направено. Кога "успее да пројави ненасилство, човекот не станува побожествен - вели Ганди - но дури тогаш станува **вистински човек**". Ганди објаснува дека во сегашната состојба на полу-луѓе полу-животни, нашето незнаење нас нé тера да мислиме дека е вистински човечки на ударите да одговориме со удари. "Ние веруваме дека конфликтот е закон на нашиот род", но токму светите книги посочуваат дека репресијата не е задолжителна и дека е поважно воздржувањето. "Секогаш треба да се воздржуваме од расправање. Воздржаноста е закон на нашиот род. Совршенството е невозможно без самоконтрола", вели Ганди. Многу е интересна психичката конструкција и настап на Ганди. Кога ќе кажел Не!, со тоа јасно се разбирало за што се определил и тоа ги поддржувало и него и другите во неоткажувањето од тоа дејство. Таквото Не! е симбол на добрината, на внатрешната стабилност и решителност и на определеноста да се постапува исправно. Овдека Не! е потврдување на вистината - но негирањето на вистината е отфрлање на добрината. Така одбиваме да се соочиме со своите внатрешни емоции, а тоа го оневозможува нашето сочувствување, емпатијата. Се отуѓуваме од другите кои страдаат и на кои им е потребна нашата помош.

Штом ненасилството е наш закон, истакнува Ганди, тоа важи еднакво за сите: "Да се откажеш од насилството означува да немаш злонамерност кон ниедно живо суштество, дури и кон најнеразвиеното, инсектите и дивите животни. Тие форми не се создадени за да ги поттикнуваат нашите уништувачки наклонетости". Всушност, кажува Ганди, "**ненасилството е состојба на совршенство**". Кон таа цел се доближува сето човештво, дури и несвесно. Кога објаснува дека низ историјата човештвото се движело кон ненасилството како принцип, тој бара и натаму да се движиме во таа насока. Тој принцип го смета суштествен за идните луѓе, единствен која ќе **обезбеди мир**. Парадоксално е да се види колку човештвото прави исклучителни откритија на полето на насилството - затоа откритијата на полето на ненасилството ќе бидат уште поголеми. Ганди вели дека е *оптимист* за тоа: "Начелото на ненасилството има голема активна сила". Насилните имаат оружје и се плашат, Ганди професорски се подбива, вели таквите треба да ги совладаат стравовите. Приврзаниците на ненасилството имаат задача да ги преобратат насилниците. Кој не ги совладал стравовите, не може да го завладее ненасилството. За тоа е потребна "култура на срцето, огромна сила и безгранична храброст", но тоа е нормално за оние кои се луѓе и имаат разбирање за проблемите на човештвото. Впрочем, токму кон целото човештво се насочени мотивите, искажувањата и поуките на Ганди, вели тој самиот. Покажува дека цел му е **општочовечка љубов**.

Според Ганди, **револуцијата треба да се изврши во срцата**. Не станува збор за менување на системот, туку луѓето, без оглед на нивното богатство и углед, да се посветат на служење на ближните, да прифатат "да ги проникне уметноста и убавината на откажувањето и на доброволната сиромаштија..., да се посветат на оние дејности кои се темел на нацијата, ... да предат и ткаат со своите раце, ... да ги исфрлат од своите срца сите предрасуди за кастите, во сите форми, ,,да се борат за целосна апститенција од пијалаците што трујат и од дрогата... и, во општа смисла, да одгледуваат чистота на суштествувањето".

Историјата на нова Индија (потконтинент, со 300 милиони жители - сега со преку милијарда населени луѓе) се случува од 1920 година во знакот на Ганди. Тој им објасни на народот што треба да прават, да си го определат својот пат во согласност со своите духовни традиции и морал и со индиски средства (како ахимса) да извојуваат слобода, која е неминовна. Ганди е суден и затворан. Пишува јавни писма и пораки до народот. Предводи масовни економски и политички протести. Самиот штрајкува со глад до исцрпување, понекогаш за да ги потресе сонародниците ако прават нешто што не е добро или да ја поттикне власта на корекција. По неговите херојски битки, во 1947 година Индија доби **независност**. За **прв претседател** го избраа Махатма Ганди.

По доаѓањето од Јужна Африка Ганди основа кај Ахмадабад свој **ашрам** (типично индиско место за учење и концентрација, имот, собиралиште на приврзаниците, понекогаш и со училиште, болница, добротворни простори и сл.). Го нарекол "Сатјаграха", според својата основна вредност *вистина*. Тука се собирале неговите придружници, тука и тој ја ткаел својата облека, како што им препорачувал на сите Индијци, оттаму упатувал пораки до Индијците и до светот со прочуен наслов "писма од ашрамот", тука се правени договори за идните настапи во Конгресот и во светот (бидејќи стана една од најпознатите светски личности), оттука тргнуваа прочуените протестни маршеви на ненасилство против одредена постапка или решение на британската окупаторска влада. Тука, а и во други места, Ганди ги правеше своите прочуени штрајкови со глад за да ги присили своите пријатели или противниците да размислат што прават - многу пати беше готов да го даде животот за

справедливите нешта. Тука ги примаше истакнатите светски и британски личности, оние кои го почитуваа и сакаа да помогнат, оттука даваше интервјуа за целиот свет.

Едно од најзначајните учења на Ганди се однесува на **единството на сите вери**. За Ганди, сите религии, со различни патишта, имаат иста цел: "Сите религии се базираат врз исти морални закони. Мојата етичка религија е создадена од закони што ги поврзуваат сите луѓе на светот". Ганди остана верски водач дури и кога беше шеф на државата Индија. Големиот филозоф **Сарвепали Радакришнан** (1988-1095), еден од основачите на УНЕСКО, професор во Оксфорд и на разни индиски универзитети, автор на прочуени истории на индиската философија, а по Ганди претседател на Индија - напиша дека **такви личности се раѓаат само еднаш во неколку векови** и луѓето треба да знаат да ги препознаат, а дека Ганди го следеле пред сé од почит кон неговата личност. Ганди истакнуваше дека тој не е само дете на Индија, туку дека се застапува за оригинална етичка мисла на Индија, која била подзаборавена, но тлеела во народот и можела да се запали со пламот на поуката и на желбата за слобода, како создавање шанси за свој животен и духовен развој. Но Ганди ги почитуваше не само индиските класични и нови вредности, туку и највредните духовни дострели на човештвото. Со индиските муслимани заедно ја водеа национално-ослободителната борба и беше најнесреќен што при ослободувањето Индија се раздели на два дела - хинду и муслиманскиот Пакистан (од кој потоа се оддели источниот Бангладеш). И тогаш со гладувањето сакаше да им посочи на браќата муслимански Индијци дека е подобро да останат неразделени.

Интересна е неговата оценка на вредноста на христијанската вера, која беше религија на окупаторите, но тој никогаш не ја навреди, туку, откако ја запозна при студиите во Лондон, постојано посочуваше дека Исус е најзначајната личност во светската историја, која токму вистината и ненасилството ги истакнуваше како основни вредности. Книгата на Ганди "Морална вера" завршува со цитат од Христа: "Барајте го најнапред царството Божје и правдина, другото сé ќе ви биде дадено само" (*Мат.* 6:34). Тој не го сметал христијанството единствена религија. Кажал дека богот Кришна велел дека, кога пропаѓа религијата и завладува безбожност, се појавува, воскреснува и секогаш ќе доаѓа за да го заштити доброто и да го уништи злото. Кога во Јужна Африка мислел да премине во христијанството, Ганди ги прочитал поуките од Буда и видел дека и индиските верски рамки му даваат простор за духовно настапување. Кога некој англиски свештеник го прашал (1920) која книга најмногу влијаела на него, Ганди одговорил: Новиот Завет. Исто така, му кажал дека пасивната резистенција ја открил од Христовата "Проповед на горатa".

Такво било етичкото настапување на Ганди, од младоста до смртта. Тој сторил многу за своите сознанија, ги превел *Платон* и книга за *Сократ*, читал многу стари и нови писатели, се восхитувал од италијанскиот национален водач **Џузепе Мацини** (1805-1872). Како свои непосредни инспиратори ги посочувал **Лав Толстој** (1828-1910), со своето учење за сеопштата љубов, ненасилното дејствување и помагањето на сиромашните, и **Дејвид Торо** (1817-1862), со своето учење за граѓанската непослушност, чија идеја многу пати ја применуваше во политичката практика. Сета идеја на Ганди е обвиткана со чувство на љубов за луѓето и за сите живи суштества: "**Сакам да го прегрнам светот со сета моја љубов**". Велеше дека низ животот открил дека начелото на љубовта е најсоодветен пристап кон вистината. Укажувал дека, ако во нашето време уште не е свесно прифаќањето на ненасилството, сепак насекаде луѓето живеат со

своите добри страсни желби едните кон другите, инаку би настапила катастрофа, би постоеле само оние кои најмалку сакаат: "Ненасилството е активен израз на добронамерноста кон секое живо суштество. Тоа е чиста и неизвалкана љубов. Тоа е напишано како во индиските свети списи, така и во Библијата и во Коранот". За Ганди љубовта е "силата која ги поврзува живите суштества". За крај, потсетуваме дека рекол: "Се откажав од употреба на мечот, можам да им предложам само чаша љубов на оние кои сакаат да војуваат со мене. И сметам така да ги привлечам кон себе".

Ваквата исклучителна етичка личност и програма извојуваа блескаво место во духот на современиот свет. Ганди учеше дека светот, Исток и Запад, треба да се *обедини*, дека во иднината ќе имаме универзален свет со најдобри морални идеи. Но не беа сите подготвени за тоа. Во 1948 година Ганди беше **убиен** од еден хинду фанатизиран националист. Ганди остави неизбришливи траги во духот на новиот свет, во кој, и покрај низа злосторства и војни, сепак духот на вистината, на љубовта и на ненасилството ги покажува своите сили. И надежи за идното подобро човештво. Кога во 2000 година беа правени анкети за улогата на разни личности во изминатите 1.000 или 100 години, како **најзначајна политичка личност на XX век**, со најдобра идеја и вистинско влијание, беше избран Махатма Ганди. За него најголемиот научник на новата епоха **Алберт Ајнштајн** (1879-1955) има кажано: "На идните поколенија ќе им биде тешко да поверуваат дека некогаш таков човек, од тело и крв, живеел на земјата". И тоа покажува колку се интересни и хумани и колку беа успешни погледите и пристапи на Ганди.

### Етички мисли на Махатма Ганди

"Не е доволно само да не се лаже. Ниедна лага не смее да се употреби, дури ни за доброто на државата."

"Треба да се противставиш на тиранијата, но да не му направиш никакво зло на тиранинот. Треба да го победиш со љубов. Да му ја откажеш покорноста до смрт."

"Не е доволно само да се избегне пожудата. Треба секогаш да ги контролираме нашите животински страсти, дури и во мислите."

"Простувањето е својство на силните."

"Човек треба да се ослободи од страв од кралевите, народите, семејството, луѓето и од дивите животни, од смртта. Човекот без страв се брани со силата на вистината или со силата на душата."

"Нашата борба има за цел пријателство со целиот свет... Борбата без употреба на сила дојде кај луѓето и таа ќе остане помеѓу нив. Таа е весник на светскиот мир."

# 78. Шри Ауробиндо
# ИНТЕГРАЛНО ЖИВЕЕЊЕ



Во модерната епоха се разви светот и се понуди **поврзување на етичките идеи од различни извори**. Затоа денес е можно личноста да се обидува да го пронајде вистинскиот пат во некој духовен склоп на друга страна, за потоа да го открие во светот кој ѝ е близок од дамнина, но таа не го познавала доволно. На новите насоки таа тогаш може да достигне врв, кој е израз на двата духовни врутоци од кои се напојувала, ако тие создале широка, богата река, чија плодоносна вода сега им е понудена на сите. Таква е интелектуалната судбина на еден од најголемите етичари на современата епоха. По потекло од Индија, тој се изгради врз основа на европската философија, за тие искуства да ги поврзе и надмине со класичните роднокрајни етички идеи. Станува збор за Шри Ауробиндо Госе, етички светец на прагот на најмодерната епоха.

**Ауробиндо Госе** (Аравинд Гош) е роден во 1872 година во најголемиот индиски град Калкута, како син на лекар, кој бил близок со реформаторското социјално и религиозно движење Брахмо-Самаџ. Ова движење го создал зачетникот на индиската Преродба **Раџа Рамохан Реј** (1772-1833), кој иницирал таква модернизаторска единствена духовна и националноослободителна акција, која подоцна ќе инспирира низа слични движења на Исток (од кои едното е и ТМОРО, односно ВМРО). Познат организатор на движењето е **Девендранат Тагоре** (1817-1905), татко на писателот **Рабиндранат** (1861-1941), кој стана еден од првите добитници на Нобеловата награда (1913) заради своите прекрасни поетски, прозни и драмски дела, во кои изнесе културен и педагошки идеал на универзален човек, чии својства се духовна зрелост и толеранција. Стариот Тагоре бил легенда за бенгалскиот регион. Заради неговите духовни квалитети, познанија и аристократско однесување тој бил човечки идеал на Бенгалците, кои го нарекле *Махариша* (Голем јасновидец, Велик философ). Овој мислител инсистирал само на идеите од големите индиски извори класичните Упанишади. Бил противник и на идолопоклонството, но и на проникнувањето на движењето со христијански идеи, како што предлагал Шри Рамакришна, учителот на Свами Вивекананда. Сепак, Брахмо-Самаџ одел кон универзализација. Во ова движење можеле да членуваат сите луѓе, независно од нивната раса, вера, каста или националност. Од 1857 година со движењето раководел **Кешаб Чанда Сен** (1838-1884). Повлијаен од христијанството, тој верувал дека добил порака од Бога за нов начин на интерпретација на Божјиот закон. Основал ново движење Садхаран-Брахмо-Самаџ. Како духовна личност и приврзаник на верската универзализација, бил пријател со **Шри Рамакришна** (1836-1886), кој се движел во истите духовни и етички насоки.

Малечкиот Ауробиндо почнал да се школува во училиште со европска програма. Родителите уште во неговата 7-ма години го испратиле на школување во Англија. Заради талентот за класичните и светските јазици добил стипендија за Кралскиот колеџ во Кембриџ. Студирал и философија. Најмногу бил повлијаен од идеите на еволуционизмот на Анри Бергсон и од културната критика на Фридрих Ниче. Парадокс е што студиите ги прекинал заради неуспехот во гимнастиката и јавањето. Се вратил во Индија и станал наставник по странски јазици. Тогаш почнал да учи санскрит и современи индиски јазици и да ја студира класичната индиска мисла. Станал управник на Националниот колеџ. Во тие бурни политички времиња, ваквиот интелектуален талент не останал надвор од *националноослободителното движење*. Заради илегалната политичка дејност, британските власти го затвориле бунтовникот. Во затворот се сконцентрирал врз типично индискиот духовен изум - *јогата*. По вежбите и длабоките спекулативни проникнувања, Ауробиндо доживеал духовна преродба. Тој го видел целиот живот како зандана, од која треба да се ослободиме. За тоа најдобар метод понудуваат јогиското сознание и вежбање и една универзална етика. По излегувањето од затворот, Ауробиндо сосема се посветил на јогата. По година дена (1910), за да го избегне повторното апсење, заминал во француската енкалава *Пондишери*, јужно од Мадрас. Таму основал *центар* за својата духовна работа, во кој дејствувал до крајот на животот. Во 1929 година таму пристигнала неговата животна сопатничка Мира Алфаса, подоцна наречена Мајка. По смртта на Шри Ауробиндо во 1950 година, таа основала град во негова чест, под име *Ауровил*, во којшто живеат и дејствуваат приврзаниците и почитувачите на светецот од целиот свет. Прекрасниот урбанистички план на овој град - **во форма на елипсоидно центрифугално движење на Светската душа** - го направил светскиот архитект Корбизје.

Шри Ауробиндо Госе, еден од најпознатите современи светски мислители, истакнувал дека тој не е професионален философ, туку пред сé *јогин*. Тој своето теоретско дело го има поврзано со јогата. Има напишано многу трудови, помеѓу кои коментари за старите индиски дела Бхагавад-Гита и Упанишади, книга за старохеленскиот философ Хераклит, а насекаде во светот се познати неговите трудови за јогата. За смислата на внурнувањето во големите дела на човештвото Ауробиндо има кажано: "Вистината не може да биде опфатена во една единствена категорична формула, ниту може да ја пронајдеме во целост или во сите видови во една единствена философија или во една света книга. Но, ако се нурнеме во духот на големото дело, а особено ако се обидеме да живееме според тоа дело, може да бидеме сигурни дека тука ќе пронајдеме толку реална вистина колку што сме способни да ја примиме; тука ќе најдеме духовно влијание и вистинска помош."

Книгите на Ауробиндо многу влијаат врз современата индиска мисла, особено етиката, која се обидува да воспостави поврзување помеѓу класичните духовни ставови и модерните европски и светски идеи. Ауробиндо се трудел да пронајде врска помеѓу разните индиски струи, а нив заедно да ги поврзе со највредните елементи на западната мисла. Интересен е неговиот став дека корените на духот се мошне стари: "Воопшто не е вистина дека животот на духот е скорашна појава кај човекот. Тој е повторување на поранешните достигања, од каде виталната сила на човечкиот род била потисната кога доживеала еден од своите последователни порази. Дивјакот веројатно не е прародител на човекот, туку дегенериран потомок на некоја поранешна цивилизација".

Ауробиндо развил важно учење, кое самиот го нарекол Пурна јога, **Интегрална јога**. На санскрит поимот Пурна значи "пат на исполнувањето", "совршенство", "нешто крајно, завршено", "целосно соединување со божественото". Својот систем Ауробиндо го нарекол интегрален ("целосен", "севкупен", "потполн"), бидејќи во него тој се стреми да реализира интересна грандиозна идеја - не само да го воздигне човечкиот дух до божественото, туку и божественото да го доведе (спушти) до материјата и секојдневниот живот.

Старите индиски погледи Ауробиндо ги критикува како еднострачниви патишта за воздигнување кон Бога. Тој вели дека во Индија и на други места на Исток се правени обиди човекот да се воздигне до божеството, а не е постигнат метод за **интегрирање на божеството во животот**, односно за Божје доаѓање долу, со цел да се преобрази целата природа и психата на човекот. Но, исто така, тој го критикува и западното мислење, кое одлично го познава и од коешто има усвоено неколку методи и идеи. Според Ауробиндо, грешката на западното мислење е што не е динамично, повеќе е **наклонето кон барање теории за нештата, а не кон нивно реализирање**. Всушност, во интелектуалната спекулација тоа останало без практичен пат и без практични методи за постигнување на вистината со помош на духовно искуство, духовно откритие и духовна преобразба. Целта е човекот да стане вистиносен, свесен за вистината и градител на вистината, слично на божеството. Според Ауробиндо, тоа е реалното натчовештво, какво што може да се сретне во Ведите или кај стоиците. Тој укажува дека таа идеја е изразена кај Ниче во груба форма. Според Ауробиндо, "првичниот закон е посилниот да му помага на послабиот", и тоа, вели тој, не е ниту неправедно ниту негирање на мерата (колку е ова значајна критика на *насилството*, што под превез на "натчовечноста" беше развивано во модерната епоха!?).

Визијата за човековата вистинска дејност на **себеусовршувањето** се потпира врз научното истражување на био-физичката природа на светот. Ауробиндо укажува дека насоката на развитокот на човечкиот дух води од менталното кон суприменталното ниво на свеста. Не е доволно да "видиме", неопходно е и да го *разбереме* она што го гледаме. Со проширувањето на способноста на непосредната согледба, човекот ќе стане способен за интегрално интуитивно сознание. Тогаш тој ќе проникне во тоа што претставува радоста по себе и љубовта како љубов, како први манифестации на душата. Тоа е базата од која Ауробиндо ја образложува законитоста на неговата пурна-визија за човекот, неговото сместување во светот, неговите постапки и неговиот придонес кон човечкото постоење и развиток. Тоа го искажува детално во книгите "Човечки циклус" и "Идеал на човечкото единство". Во нив изнесува дека "осмислувањето на многустраните човекови стремежи бара еволуција на човекот кон супрарационална непосредна свест - која е способна да ги усогласи судирите помеѓу нараснатите потреби и желби и судирите помеѓу единките и народите, кои следуваат од тоа". Тоа е **новата етика**, која Ауробиндо ја согледува во развитокот на психологијата на општествениот живот. Целта е да се смени живеењето, да настапи негова преобразба. Ауробиндо укажува дека за тоа е потребна филосифија и етика, а не е достатна религијата, "која, и покрај древната старост, досега се занимавала само со спасување на единката од товарот на живеењето, а не се обидувала да го трансформира животот во светот".

Шри Ауробиндо е вистински *светител*, не само со постапките, туку и со зборовите, со кои секому му препорачува да има најдобра мисла и идеално однесување, исполнето со животна радост, со љубов и со толеранција, особено со

разбирање. Тоа Ауробиндо го вгради во основите на новата интелектуална и етичка клима на човештвото. Тој со благост и голема длабочина зборува за природата на светот, на животот и на човекот, дава многу поуки за душевниот развој на личноста и секому укажува на неговите задачи да работи на своето ослободување. Интегралната јога на Ауробиндо се стреми човекот да стигне од незнаењето до знаење. Збор е за она знаење со коешто човекот станува навистина свесен, но не преку обмислување на целата реалност, туку преку менување на сознанието. Затоа Ауробиндо препорачува човекот да се сврти од надворешното сознавање кон едно непосредно и суштествено внатрешно сознание, да го рашири сознанието пошироко од границите на своето тело и своето его, со својата волја и стремеж него да го отвори за светлината, да се издигне над менталното, а со преданоста и отвореноста на душата да реализира спуштање на божеството, како и преобразба на менталното и на телесното, всушност **преобразба на сиот живот**. По "спуштањето" на Божјиот принцип во материјата, човекот конечно ќе стане "натчовек" со супраментални способности и возвишена етика - во ова, како и во идејата за воздигнување на духот во височини, над минливиот свет, во барањето непоматено спокојство и сл., проблеснува младешката опиеност со идеите на Ниче, но овдека проникнати со благородната етичка визија на Ауробиндо.

Се истакнува дека никој во Индија како Шри Ауробиндо Госе немал толку целосно европско образование, а никој како него толку целосно не се посветил на интензивно студирање и интерпретирање на индиската култура во целост. Тоа вроди плод со една необикновена **модерна етика**, која многу влијае врз развитокот на етичките погледи на почетокот на новиот милениум. Неговите ученици несебично ги пронесуваат идеите на Шри Ауробиндо, како, на пример, **Шри Чинмој** (1926-2011), истакнат соработник на ООН, автор на многу популарни дела и сеопшт пропагатор на светското единство и на мирот, кој дојде во Скопје во деновите на конфликтот во 2001 година со цел со својата музика и со своите благи зборови да инаугурира духовни вредности, кои ќе ја засилат етиката на нашето постоење.

**Етичка идеја на Шри Ауробиндо**

"Целта на садана ("средство за усовршување") е свеста да израсне од телото и да се смести вон од него - да се шири насекаде, неограничена од телото. Ослободениот човек така се отвора кон сé што е над таа точка, над обичниот ум, и го прима сето што се спушта од височините, оттука набљудувајќи сé што е под него... Тоа е настојување на вашата свест да се зацврстите во таа слобода. Кога некој е на така висока скала, тој ги пронаоѓа слободата на сопството и бесконечната тишина и непоматеното спокојство. А сега, тоа спокојство треба да го спуштите во телото и себеси да се закрепите како нешто што е надвор во светот и во себе го содржи сето движење."

# 79. Џорџ Мур

## ЛОГИКА НА ЕТИКАТА



Философијата има два основни дела - **Логика** и **Етика**. Со философијата обопштено *сознавајќи* го светот и животот, основната задача и ориентација на човекот е нив да ги сознае правилно, широкострано, длабоко, законито, според узансите на нивното постоење и според своите сознајни сили, непротивречно, адекватно, точно - *колку шшо шоа е можно*. Исто така има задача да *дејсшвува*, да биде самосвесен и свесен за другите, за средината што го опкружува и за светот во којшто живее, да се изградува како сериозна личност, со достоинства, како квалитетен работен субјект, вреден, настојчив, љубезен, со добар карактер, со самоконтрола на темпераментот, следејќи ги најправилните насоки на досегашните и на современите луѓе, отворајќи пат кон иднината, постапувајќи добро и избегнувајќи го злото - *колку шшо шоа е можно*. Широките сознанија и правилното однесување се двете основни цели и вредности на човековото живеење, на сите луѓе, на човештвото во целост.

Овие две страни на философијата не се разделени. **Логиката** (од хел. мисла, смисла, идеја, сознание, збор, поим...) се однесува на *сознавањешо*, на неговите поттици, области, видови, патишта, и во тоа како базична философска форма, покрај самата логика како вештина на мислењето, спаѓаат и онтологијата, космологијата, гносеологијата, антропологијата, философијата на јазикот... **Етиката** (од *хел.* став, правило, обичај, животна насока, лични и општи вредности...) ги опфаќа практичните човечки *дејсшва* и размислувањето за целите и начините на однесувањето, а нејзини области, покрај самата наука за моралот, се аксиологиката, естетиката, политиката, економиката, педагогиката... - за секој одделен вид човечки активности; бидејќи на крајот на овие дисциплини стои изразот "ика", нив покласично ги нарекуваа "ика"-дисциплини, зашто дејствата што тие ги истражуваат имаат и друго име: морал, вредност, уметност, политичко, економија, педагогија-воспитување. Логичките и етичките дисциплини и пристапи се реално поврзани, си разменуваат сознанија и едните на другите си даваат инспирација за некои (нови) толкувања, а во времето на големата научна специјализација и на раширувањето на философијата се развиваат и како посебни дисциплини. Логиката и Етиката може и потесно да станат блиски, што го направија мислителите кои се занимаваат со *лоīикаша на ешикаша*, што со општо име популарно го нарекоа **метаетика** (според образецот на т.н. *меша*-дисциплини - мета-математика, мета-биологија, мета-критика..., слично на "философија на таквите науки", со кои се испитуваат основите на тие егзактни науки и општите идеи од кои следуваат нивните конкретни истражувања и дострели).

Метаетиката е **мошне развиена** во последното столетие, заедно со **аналитичката философија**, која, со логички средства и рационална аргументација, ги испитува смислата, формата, значењето на поимите и јазикот

со кои нешто се искажува - а не нивната *содржина*, фактите, конкретното човечко искуство; се верува дека така философијата станува строго, аргументирано и неутрално знаење, се прави ослободување од историско-философските претпоставки (традиција, школи, идеологии), се создава меѓа помеѓу така разбраната "чиста" философска активност и делумните научни пристапи. Занимавајќи се со философска анализа, метаетиката одговара на прашањата **што значат изразите и речениците со кои се искажуват моралните ставови**, неа не ја интересираат значењата на моралните термини и искази, како и можноста за аргументација во реалната морална дискусија. Таа одбива да се занимава со моралните оценки и вредности, со прашањата на моралниот избор, слободната волја, етичката инспирација и на моралниот детерминизам. Таа е далеку (или се откажува) од нормативната етика, како систем на вредности и правила, значи од анализата на моралната практика, останува на анализата на моралните искази.

Многу теоретичари на логиката и на јазикот спаѓаат во оваа група. Тие имаат и претходници (Декарт, Хјум), но сепак станува збор за новите мислители, од кои најголемо влијание извршија Бертранд Расел и Лудвиг Витгенштајн, чиј став може да се поврзе со позицијата на сите од оваа ориентација. "Целта на философијата е логички да ги расветли мислите", вели Витгенштајн. Помеѓу металогичарите, еден од првите беше Џорџ Мур.

**Џорџ Едвард Мур** е роден во 1873 година во Лондон. Студирал класични јазици во Кембриџ, но неговиот врсник и другар Бертранд Расел го убедил дека треба да студира философија. Обранил докторска дисертација за философијата на Кант. Го избрале за асистент (1896). Во 1904 го остава Кембриџ и живее од наследството. Се враќа да предава на Универзитетот (1911), станува професор (1925) и, кога ги исполнил годините, заминал во пензија (1939). За време на војната во САД предавал на разни универзитети. Се вратил во Англија (1944). Од 1920 до 1947 година го уредувал најпознатото британско философско списание "Mind". Добил еден од највисоките британски ордени. Починал во 1958 година. Најпознати дела му се "Principia Ethica" (1903), "Етика" (1912), "Некои најзначајни проблеми на философијата" (1953).

Започна со критиката на идеализмот (книга "Отфрлање на идеализмот"), кој тогаш бил доминантен во британската философија. Сакал свеста да ја оддели од содржината на свеста, осетот од предметот, субјективното од објективното. Следното дело "**Principia Ethica**" ги возбуди науката и јавноста со духовната *новина* - тоа е **едно од најпознатите етички дела на модерната ера**. Карактеристичното мото на книгата е земено од Џозеф Батлер (1692-1752), со кое Мур демонстрира поврзаност со континуитетот на англосаксонската философија: "Сé е она што е, а не е нешто друго". Мур смета дека првин треба да се одделат нештата и поимите, па така изолирани да се проучуваат (единството ќе следи потоа). Кај Мур се развива *поставувањето прашања* (Што значи ова?), што служи за расветлување на вистината. Предупредува дека во етиката и во другите философски науки многу тешкотии и несогласувања произлегуваат од обидот да се одговори на прашањата, "без при тоа првин да се открие точно што се кажува со прашањата за кои се бара одговор".

Според Мур, етиката и етичарот имаат двојна задача - треба да определат што е **добро** а што **лошо**. Но овие прашања имаат три значења: Кои видови нешта се добри/лоши?, Кои единични нешта се добри/лоши? и Какво е значењето на терминот добро/лошо? Етичарот се занимава со првото и со третото прашање. Моралниот јазик предлага и синоними, како исправно/неисправно, треба/не треба, итн. Мур истакнува дека со интринсичкото

(внатрешното, суштественото) добро не се означува некое природно својство ("финална вредност"), а етичкиот суд во коешто тоа се јавува не може да се провери емпириски (екстринсичката вредност значи дека ставот се мери не според себе, туку според своите последици). Бидејќи луѓето раширено и лесно го употребуваат поимот "добро" за разни нешта и во разни околности, Мур тоа го нарекува "природна (натуралистичка, емпириска) *грешка*". Интринсичкото добро не е име за природно добро, независно е од сите релации; тоа го интересира Мур, кој се занимава со **доброто по себе**.

Мур го брани **здравиот разум** (common sense), стариот англосаксонски пристап со афирмирање на непосредните ментални доживувања, кои имаат за луѓето каузална сила и можат да произведат основни сознанија и дејствени импулси. Методот на Мур се потпира врз обичниот јазик, откривање на значењето и анализата. Кога анализира некој философски исказ, тој го споредува со здраворазумскиот, т.е. ако открие разлика, вели дека не е вистинит (би бил вистинит во спротивниот случај). Интринсичкото добро е она што би било добро и кога би постоело само тоа. Ставот "А е добро" не може да биде заклучок, тоа е премиса од која се изведуваат други етички ставови. Доброто е просто својство, не може натаму да се анализира, ниту да се дефинира (како ни бојата "жолто"). Мур укажува дека на ова прашање треба да му се посвети особено внимание, бидејќи **"доброто" е најосновното прашање во целата етика**. Тоа е единствениот прост предмет на мислите (освен неговата спротивност "злото") кој е карактеристичен за етиката. Неговата дефиниција е суштествена за етиката (погрешната определба, според Мур, води кон разновидни сериозни грешки во теоријата, но и во практиката, кои тој подетално ги претставува). Мур вели: "Ако ме прашаат *Што е добро?*, мој одгоор е дека **доброто е добро**... Ако ме запрашаат *Како се дефинира доброто?*, мој одговор е дека **тоа не може да се дефинира**". На никој не може да му се објасни што е доброто, тоа е основен поим, нема делови, но мора нешто да значи, зашто поинаку ни етиката не би била можна. Мур инсистира дека "предметот на етиката постои како прост, неопределив, нерасчланлив предмет на мислата". Не е важно како го нарекуваме, тоа е единственото такво нешто и се разликува од другите нешта. Зборовите од етичките ставови се однесуваат на него. Неговата егзистенција не зависи од свеста. Доброто и убавото објективно постојат, смета Мур. Тој го разликува предметот на сознавањето од актот на сознавањето. Доброто се сознава **непосредно**. Доброто не може да се спореди и идентификува со ниедно друго природно својство. Личните наклонетости и естетските уживања Мур ги сметаше за нешто најдобро. Укажуваше дека испитал и дека се уверил оти правата и должностите што ги усвојуваат обичните луѓе се вистински должности и права (всушност, интуицијата дејствува). Кон етиката на Мур мошне се важни и деталните научни анализи на натуралистичката етика, на хедонизмот, на метафизичката етика и на етиката на поведението - таму се доразјаснува неговата концепција и се изнесуваат иманентните критички проблеми на низа значајни етички теории (поврзани со искуството и со нормативното дејствување).

Интересно е за Мур што вели дека философските прашања не му ги наметнувале животот и науките, туку философите. За вистините на светот ги признава само оние кои ги сфаќа здравиот разум. За етичките прашања укажува дека треба да се анализира што етичкиот став значи, но дека ние и пред тоа веќе знаеме за што станува збор, но тоа не може да се открие без внимателно испитување.

**Бертранд Расел** ((1872-1970), од англиско благородничко семејство, математичар и философ, во етиката активен *моралист* и *пацифист*, доследен противник на војувањето и на трката за вооружување во светот. Студирал математика и философија во Кембриџ и таму предавал (1910-1916). За време на Првата светска војна одбил да оди во војска, го загубил местото на Универзитетот, бил затворен, но наскоро ќе стане многу популарен со своите смели и напредни сфаќања за разни научни, социјални и политички прашања. Бил професор на универзитетите во Оксфорд, Чикаго, Лос Анџелес и Пекинг. Ја доби Нобеловата награда за литература (1950). Лорд Расел е страстен популаризатор на философијата, математиката и науката, напиша 70 книги. Негови позначајни дела се: "Principia mathematica" (заедно со Алфред Норт Вајтхед), **најпознато дело на современата логика и математика** (3 тома, 1910-1915), "Вовед во математичката философија", "Логичкиот атомизам", "Освојување на среќата", "Историја на западната философија", "Човечкото знаење" и други.

Расел влегува во философијата преку математиката, изгради посебен вид *математичка логика*. Постави теза дека сите математички аксиоми можат да се сведат на логичките принции. "**Логиката е основа на математиката**". Со тоа го изгради *логицизмот* (во математицизмот логиката се сведува на принципите на математиката). Сите логички прашања Расел ги изложува со вештачки јазик од симболи и со правила за употреба на симболите. За него, *логиката е вештачки јазик*. Со тоа предметот на логиката станува достапен за сетилата, а логиката станува емпириска наука. Основната идеја е дека со логичката анализа може да се постигне ист степен на сигурност што ја има и математиката. Со своите математичко-логички истражувања и соодветни философски размислувања, Бертранд Расел, заедно со Лудвиг Витгенштајн, со кого соработуваа, придонесе за појава на неопозитивизмот и за големиот развиток на аналитичката философија во современата епоха.

Според Расел, супстанцијата, материјата и единичните предмети не се реалитети, туку логички конструкции. Тоа е неговиот **логички атомизам**. Светот е сложен, но се состои од меѓусебно независни делови. Со анализата ние ги откриваме најпростите елементи, кои се **логички атоми на светот**. Деловите на реалниот свет се предмети или факти (својства и односи). Тие просто постојат. Тие не се ни вистинити ни невистинити. Дури и исказите се такви. Односот кон фактите ги прави судовите вистинити или невистини (Расел ја подржува теоријата на *кореспонденцијата* - на соодветство на сознанието со реалноста). Со ова оди напоредно анализата на исказите - прости (кои соодветствуваат на фактите) и сложени, и така се изведуваат логичките конструкции. Како и другите логичари, Расел се занимава со *идеалниот јазик*, сличен на структурата на фактите што ги означува. Таквиот идеален јазик не би бил употреблив во секојдневниот живот, но може да послужи за напредок на логиката и на науката.

Расел даде основи за еден многу важен, нов метод во науката - **аксиоматскиот**, кој е развиен во "Principia mathematica". Науките инсистираа на индуктивни, а философијата главно на дедуктивни методи. Аксиоматскиот метод, како суштина на математичкото и на логичкото знаење, покажа дека и науката може да се гради дедуктивно, а сепак не мора да биде спекулативна, одделена од реалноста. Со аксиомите како појдовна точка во изводите, кои се прават според математичкиот терк, сега се изведуваат сложени и комплицирани истражувања. Во нив се доаѓа до разни потенцијални сознанија - кои натаму треба да се проверат во практиката. Ова стана продуктивно научно средство за **нови пробиви** во разни области, меѓу кои се најзначајни проширувањата на

сознанијата во биологијата и биотехничките науки (медицина и др.). На тој начин е откриен ДНК и генетската структура на организамот, како еден од најзначајните нови откритија во науката (до кои е дојдено со философска идеја).

Според Расел, етичките и аксиолошките проблеми, иако се составен дел на философијата, треба да се одделат од научната поставеност и иследување, затоа што научните методи не успеваат да ги испитуваат *чувствата*. Науката не може да докаже дека животот има смисла. Затоа Расел тврди дека *философијата на природата* треба да се издели од *философијата на вредностите*, според која ние сме творци на вредностите, а природата е она што е.

Расел е мошне критичен кон современото граѓанско општество и култура. Тој смета дека приватната и државната сопственост станале опасност за општеството. Сите културни сили - државата, црквата, воспитанието, откажале при решавањето на важните социјални проблеми и не биле во состојба да ја спречат бесмислената војна. Затоа Расел *не признава никакви законитости во историјата*.

Во своите публицистички, ангажирани трудови, без предрасуди, рационално, со духовити парадокси и оптимизам тој се ангажира за еден почовечен начин на живеење, кој претпоставува "постојано намалување на фанатизмот и зголемување на способностите на симпатија и на меѓусебно разбирање" (што ќе стане основна етичка цел и метод на почетокот на новиот век). Со делото "**Освојување на среќата**" Расел популарно, но со голема хуманистичка загриженост и просветителска дарба ги подучува младите како и каде да си ја побарат среќата (ова дело е преведено и кај нас).

**Алфред Жил Ејер** (1910-1989), роден во Лондон, студирал во Оксфорд. Најнапред предавал на Универзитетот во Лондон, потоа во Оксфорд. Ја изложувал философијата на *логичкиот позитивизам или на логичкиот емпиризам*. Главни дела: "Јазикот, вистината и логиката" (1936), "Проблемот на сознанието" (1956) и др.

Според Ејер, кој го следи Хјум, сите искази со смисла се емпиристички (можат да се проверат во искуството) или аналитички (математички и логички, кои немаат фактичка содржина). Ејер прави разлика помеѓу теориските поставки и практичното одлучување. Етичките искази само изразуваат чувство. Не може да се реши кој етички систем е повалиден од некој друг. Поради тоа нема можност ни за изградба на нормативна етика. Но философите често не прават разлика помеѓу исказите, така што и за бесмислените искази сметаат дека може емпириски да се проверат. За Ејер се **бесмислени сите метафизички и сите вредносни искази**, затоа што немаат определена смисла и не може емпириски да се проверат - такви се исказите на теологијата, етиката, естетиката (двата последни се емотивни и дури во себе содржат аспекти на заповед).

Ејер отфрла секој ирационализам, смета дека сите философски прашања можат *рационално* да се анализираат. Но, етичките и вредносните искази имаат само емотивна функција. Тие само изразуваат нечии чувства и поттикнуваат одобрување или неодобрување. Затоа Ејер смета дека не може да се расправа за вредносните прашања, тие не спаѓаат во категоријата вистина-невистина. "Етичката философија се состои едноставно во кажувањето дека етичките поими се *псевдопоими* и поради тоа не можат да се анализираат". Затоа, според Ејер, етиката не може да биде наука, ако под тоа се подразбира давање на сообразен вистинит исказ. На забелешката дека вака образложува морален хаос,

Ејер одговара дека тој не сака да покаже дека неговата теорија е корисна, туку дека е вистинита.

Американецот **Чарлс Лесли Стивенсон** (1908-1979) студирал на Јејл и во Кембриџ, бил професор по философија на Универзитетот во Мичиген. Развивал *емотивистичка* теорија. Главни дела "Етиката и јазикот" (1944), "Фактите и вредностите" (1963).

Стивенсон сака да даде непристрасна анализа на етичкиот говор. Тој истакнува дека порано философите на моралот говореле дека етичките дискусии се водат околу верувањето, а всушност станувало збор за различни ставови - ставовите се диспозиции да се постапува на определен начин и да се почувствуваат некои емоции, а не самото дејство или чувство. Сите етички термини имаат сознајно значење, а. покрај тоа, и **емотивно значење**. Чувствената страна предизвикува афективен одговор кај оние кои ќе го чујат и користат тој термин. Со силата на афектите етичкиот говор и дискусии ги засилуваат или пренасочуваат ставовите. За ваква цел, за да им дадат друга насока на етичките позиции, луѓето користат дефиниции кои го менуваат сознајното значење на тие термини и нивните позитивни емотивни аспекти ги користат за прифаќање на нови сознајни значења. "Секој етички исказ е самиот по себе инструмент за убедување; но при употребата на методите на убедувањето појдовниот ефект на исказот се засилува со натамошното убедување". Тоа се случува не само во разговорот со другите луѓе, туку и при себеубедувањето. Кога човекот нешто сака, тој чувствува задоволство, а при моралното одобрување, го истакнува своето чувство на доверба. Кога не почитува некоја постапка, ќе биде незадоволен и ќе почувствува шок и незадоволство, а ако самиот така дејствува, ќе почувствува вина и грижа на совеста.

**Ричард Мервин Хер** (1919-2002), англиски философ, студирал во Оксфорд, предавал на Оксфорд (1966-1983) и на Универзитетот на Флорида во САД (1983-1994). Прв развива *прескриптивистичка* теорија. Главни дела: "Јазикот на моралот" (1952), "Примената на философијата на моралот" (1972), "Моралното мислење (Нивои, метод и смисла)" (1981) и др.

Се истакнува со анализата на моралните термини и ставови како **клуч за разбирање на етичкото однесување**. При нивното дескриптивно и вредносно значење, сепак е примарно вредносното значење. Целта е да се разбере логиката на моралните поими, тогаш рационално ни се расветлуваат суштествените морални прашања. Наместо тоа што другите метаетичари (дескриптивистите) се прашуваат "Кои се фактите?", Хер го интересира прашањето "Што да правам?". Во книгата "Јазикот на моралот" тој го дефинира моралниот јазик како разновидност на **прескриптивниот јазик**, чија основна функција е на луѓето да им покажува пат на дејствувањето (*лат.* прескрипција - налог, правило, пропис, заповед). Моралните искази се, според Хер, императиви-прескрипции, нивната смисла е да поттикнат и нормираат човечки постапки. Прескриптивизмот укажува дека моралните искази се однесуваат на факти кои имаат морални квалитети - справедливост, добрина, одговорност, или соодветни човечки негативни својства или говорат за одредени дејства. Моралните искази служат и за нешто повеќе освен да опишуваат факти (што е став на т.н. дескриптивистичка анализа).

Според Хер, моралните оценки-искази се **прескриптивни** и **универзални**. Затоа неговата теорија се нарекува *универзалистички прескриптивизам*. Тие искази имплицитно водат до императиви (заповеди, норми). Исказот "Добро е да се кажува вистина" ја претпоставува нормата "Прави го тоа!", како што исказот

"Не е добро да не се кажува вистина" ја претпоставува нормата "Не прави го тоа!" Според Хер, моралните искази водат кон избор или постапка, повеќе отколку да изразуваат чувства. Универзалноста на моралните искази, вели Хер, произлегуваат од универзалниот карактер на моралните начела, дури и кога изразуваат емпириски факти.

Моралната мисла, според Хер, може да се изрази или интуитивно или критички. На интуитувното ниво ние мислиме, на пример, како да кажуваме вистина и да одржуваме ветувања. Ако се појави конфликт помеѓу должностите, на критичкото ниво треба да решиме каков тип дејства може најдобро да соодветствува на засегнатите страни. Хер инсистира дека моралното расудување може да доведе до тоа сите разумни луѓе да стигнат до исти заклучоци.

**Лудвиг Витгенштајн** (1889-1951), по потекло од Виена, изврши големо влијание врз настанокот на *логичкиот позитивизам* или *неопозитивизмот*. Бил професор во Кембриџ, а неговите дела "Tractatus logico-philosophicus" (Логичко-филозофска расправа, 1922) и "Философски истражувања" (1953) се камен-темелник на овој правец.

Неопозитивизмот е современо продолжување на класичната позитивистичка позиција. Основното е **апологија на научниот пристап** и **критика на метафизичката ориентација** на философијата (небаре тоа значи оддалечување од реалноста). Истовремено новиот правец поттикна и разработи нови методи на **математичко** истражување и засновување на знаењата. Оваа струја ја сметаат за една од најважните во современата философија и во целиот свет има нејзини приврзаници и бележити следбеници. Заради големата улога на математиката и физиката во артикулацијата на овие погледи, неопозитивизмот се разликува од постарите видови позитивизам (историско-социолошкиот на Огист Конт и др.). Оваа ориентација, како стил на философирање, денес се нарекува **аналитичка философија**.

Според неопозитивистите, математичките аксиоми и теореми, како и логичните закони, немаат емпириско потекло, туку претставуваат *систем од знаци* (симболи) и *правила за нивна употреба*. Творците на логичкиот позитивизам се луѓе од науката, математичко-технички образовани и изградени во експериментално-техничките истражувања. Тие имаат заслуга за развојот на современата логика, математика и физика, кои имаат исклучителен подем. Се занимаваат со философијата на науката и со обединувањето на нејзините резултати врз основа на физиката. Нивна преокупација се прашањата на *знаењето* и на *философијата на јазикот*.

Логичниот позитивизам смета дека неминовна современа задача на философијата е да ги *елиминира метафизичките искази* како " бесмислени", нив да ги разликува јасно од ставовите од науката. Воедно се бараат усилби да се конституира прецизен *јазик*, кој ќе се користи за да се елиминираат заблудите и секоја двосмисленост на исказите. Тие првин ги анализираат смислата и значењето на јазикот.

Неопозитивистите се интересираат за науката исчистена од сите философски (метафизички) поими и претпоставки. Бараат и создаваат критериум за смислата и значењето на исказите, за разграничувањето на "вистинските" од "лажните" проблеми, односно на ставовите кои имаат смисла од оние кои се сознајно бесмислени. Сиот позитивизам смета дека треба да се намали значењето на философијата, а да се зголеми доменот и значењето на науката, па тие ја исклучуваат и критикуваат философијата доколку вклучува прашања кои можат да бидат размислени и решени на практично-технички начин (значи нејзе можат да ѝ останат прашањата на вредностите и на

емотивните определби). Заедничко за сите претставници на неопозитивизмот е стремежот **философијата да се изгради како наука** и да биде поврзана со резултатите на најсовремените науки.

**Зачетници** на неопозитивизмот се Бертранд Расел, Џорџ Мур и Лудвиг Витгенштајн. Во Австрија постоеше **Виенски круг** - Мориц Шлик, Рудолф Карнап, Филип Франк, Ото Нојрат и др. Во **Берлинскиот круг** се познати Ханс Рајхенбах, Рудолф фон Мизес и др. Во Англија е **Оксфордскиот круг** со Џилберт Рајл, Л.Х. Новел-Смит и др. Во Полска работеше **Варшавско-Лавовската школа** со Алфред Тарски, Тадеуш Котарбински, Јан Лукашиевич и др. Неопозитивисти имало и во другите земји. За времето на Хитлер мнозина неопозитивисти заминаа во Англија и во САД, каде сега се центрите за аналитичката философија. Во Македонија за неопозитивизмот пишуваше философот и логичар **Јонче Јосифовски**, неговите книги "Неопозитивизмот" и "Семантиката и семантичката философија" се првите претставувања на овој правец во нашата култура.

Витгенштајн ги напаѓа метафизиката и философијата **воопшто**. Според него, философијата *не може* да искажува вистинити искази за реалноста и треба да се ограничи само на **анализа на јазичните искази**, на утврдувањето на границата помеѓу смислата и бесмислата во јазикот. За него, *само во логиката, математиката и во природните науки се искажуваат смислени искази за реалноста*. Сите други искази се псевдо-искази. Според Витгенштајн, секој исказ којшто не може да се сведе на сетилно искуство нема смисла, не содржи смисла, не е смислен исказ. Само природните науки даваат смислени искази за реалноста, бидејќи се засновуваат врз *сетилното искуство*. Затоа философијата нема задача да говори за реалноста и треба да се исклучи себеси како теорија за реалноста, како одвишна и да се утврди како дејност што ќе ги утврдува критериумите за смислата на јазикот. Философијата нема свој предмет на сознавање. Таа не е теорија, туку *активност за чистење на јазикот од бесмислици*.

**Рудолф Карнап** (1891-1970), професор во Виена и Прага, а по емигрирањето во Чикаго и Лос Анѓелес, е еден од најзначајните виенски *неопозитивисти*. Во делото "Логичка синтакса на јазикот" (1934) настојува исказите да бидат смислени ставови, а философијата да биде теорија на значењата на јазичните искази. Според него, философијата е можна само како **логичка синтакса на јазикот**, затоа што анализата на јазикот е валидна само како синтакса - анализа на *структурата* и *комбинирање* на јазичките искази. Според Карнап, јазикот говори за објектите. Философијата е анализа на значењето на јазичните искази. Логичката синтакса ги определува *правилата* според кои се изведува еден симбол (термин, исказ) и како тој се комбинира со други симболи. Ние може тие правила потполно *слободно да ги поставуваме*: "Ние имаме целосна слобода да избираме форма на јазикот, правила за конструкција на реченицата и правила за трансформација; овие може да бидат потполно произволно избрани".

Ние самите ги измислуваме јазиците и постои неограничена можност за конструирање на јазични системи. Јазичните изрази добиваат значење не од објектите, туку од постулатите и од правилата за изведување на искази од постулатите. Во прочуената книга "*Логичка изградба на светот*" (1928). Карнап покажа како со логиката се градат сознанија за целата реалност.

**Ханс Рајхенбах** (1891-1953) е најзначајниот мислител од Берлинскиот круг, философ на науката, бележит логичар. Бил професор во Берлин, Истанбул и Лос Анѓелес. Тој смета дека философијата е **теорија на научното сознавање**.

Своите принципи философијата треба да ги изведува од анализата на методите на емпириските, позитивните науки.

Основен проблем на философијата е односот помеѓу свеста и објективно постоечките предмети. Сите искази за реалноста се искази за веројатноста на постоењето и за веројатноста на одредени карактеристики на природните објекти. Според Рајхенбах, исказот има смисла доколку може да се одреди *степенот на веројатноста на искажувањето за реалноста* и да се изрази веројатноста на зачестеноста на природните појави и збиднувања. Оваа зачестеност Рајхенбах ја нарекува *позит*. Позитот е исказ со кој се предвидува веројатноста на идните појави и настани (тој создаде мошне значајна современа теорија на логика со 10 вредности).

Според Рајхенбах, научникот не е ниту пророк (кој говори апсолутни вистини за иднината), ниту скептик (кој се одречува од предвидувања), туку е - коцкар кој се обложува на иднината. Философијата има само една цел, да биде **методологија на природонаучната практика**. Философијата нема што да се искажува за другите егзистенцијални човечки проблеми. А науката може да расправа само за тоа какви средства се соодветни за остварување на одредени цели, но не и за карактерот на избраните животни цели. Не може рационално да се дискутира за проблемите на човекот, за неговото место во светот и за смислата на постоењето, туку тоа е лична морална определба на секој поединечно. Рајхенбах забележува: "Научната философија не може да дава морални принципи... и тоа не може да се искористи против неа. Сакате **вистина и само вистина**. Немојте, тогаш, да барате морални упатства од философијата".

Неопозитивизмот, аналитичката философија и со нив метаетиката се израз на напорот во современата епоха (кога се развиени науките и математиката) самата философија да се воспостави *како наука*, но тоа бара и да се *редуцира нејзиниот предмет*. Придобивката од аналитичката философија е строгата, успешна анализа на поимите и на значењата на исказите, без што не може да се иследува во современата философија, а посебно во науките. Во *Tractatus logico-philosophicus* Витгенштајн вели: "Повеќето ставови и прашања што биле напишани за философските прашања не се лажни, туку бесмислени. Затоа на прашањата од тој вид воопшто не може да одговориме, туку може само да ја утврдиме нивната бесмисленост... Целта на философијата е разјаснување на мислите. Философијата не е теорија, туку активност. Философското дело се состои всушност во расветлувањето. Резултатот на философијата не се "философски ставови", туку појаснување на ставовите. Философијата мора нив да ги направи *јасни* и остро да ги *разграничи*, зашто тие, инаку, речиси се матни и расплинати".

Метаетиката сепак не успеа да ги затвори патиштата на философијата на моралот. Практичниот морал е премногу значаен за човекот, за да остане само во сферата на анализата на мислата и на нејзината евентуална правилност - **исправноста на дејствувањето е сé поважна** во човечкото живеење, од неа зависат опстојбата на човекот и на живиот свет на планетава и дури судбината на светот. Но, логиката на етиката отвори многу потребни сознанија за суштината на етичкото размислување - тоа е основниот и голем придонес на метаетиката за човечката цивилизација.

**Етички мисли на метаетичарите**

"За да ја дефинираме етиката мора да откриеме што е заедничко и карактеристично за сите несомнени етички искази." (*Џ. Мур*)

"Кога тврдиме дека ова или она има вредност, ние ги изразуваме нашите чувства, а не некој факт кој би бил вистинит и тогаш кога нашите чувства би биле различни." (*Б. Расел*)

"Етичките искази се експресии и поттикнуваат чувства." (*А. Ејер*)

"Изборот на еден образец пред некој друг значи избор на јазички форми; која-годе да избереме ќе значи иста можност за информирање и влијание." (*Ч. Сшивенсон*)

"Рационалната постапка ќе биде определена од тоа какви се нашите сегашни преференции кога ги изложиме логиката и фактите." (*Р. Хер*)

"Тоа што може да се изрече, може да се каже јасно; а за тоа што не може да се говори, за тоа мора да се молчи." (*Л. Вишгеншшајн*)

"Функцијата на логичката анализа е да го анализира сето познание, сите тврдења на науките и на секојдневниот живот, за некако да се разјасни смислата на секое такво тврдење и врската помеѓу нив." (*Р. Карнаи*)

"Оние кои сакаат од своите философии да ви изведуваат морални упатства, можат да ви дадат единствено божемски доказ. Нема никаква смисла да се бара невозможното!" (*Х. Рајхенбах*)

# 80. Макс Шелер
## ЕМОЦИИ И МАТЕРИЈАЛНИ ВРЕДНОСТИ



Во етиката вредностите имаат долг век. И денес се применуваат некои вредности кои можеме да ги најдеме објаснети и предложени уште кај древните етичари, а понекогаш дури некои од запоставените вредности се оживуваат и добиваат нова духовна сила, потребна за моралниот живот (како *ахимса*, предложена од Махатма Ганди, а создадена во мугрите на индиската цивилизација). Меѓутоа, етичките теории не мора да имаат толку долга актуелност, бидејќи тие се само концепции, кои треба да бидат оправдани со прифаќањето и идеализацијата. Критиката и надминувањето на доктрините се случува постојано.

Меѓутоа, една етичка теорија го потресе светот и дури по повеќе од 200 години сé уште може да се смета не само како потенцијално продуктивна, туку како реално активна. Тоа се етичките учења на *Имануел Канш* (1724-1804), кои, како визија за неодминливоста на должноста и за универзалната суштина на категоричкиот императив, како метод за надминување на случајностите и емоционалностите во моралниот живот, му се потребни исто така и на сегашниот свет и влијаат врз разработката на нормите кои ќе се применуваат, односно за кои се верува дека и денес даваат основа за градењето ефикасна морална практика.

Критиките на погледите на Кант, кои се случуваат откако се појавија неговите книги и возбудливи философски новини, не се ништо ново - освен ако не се однесува на побивањето на етичките погледи на Кант кое ги потресе темелите на неговата етичка доктрина, што го направи германскиот философ Макс Шелер, еден од најзначајните мислители на модерната епоха, кој даде **нов импулс за разбирање на етиката**,

**Макс Шелер** е роден во 1874 година во Минхен. Философија студирал во Јена, каде што потоа бил професор, а исто така и во Минхен, Келн и Франкфурт. За време на Првата светска војна бил дипломат. Ги прифатил *феноменолошкиште* идеи на Едмунд Хусерл, бил нивни активен толкувач (до 1920-та). Имал и период на *релиīиозна* мисла (1920-1924), по неговото преминување во католичанство, а потоа развивал *мешафизика* од позиции на витализам и пантеизам (1924-1928). Неговите влијателни дела, напишани со убав стил и со нови погледи, достојни за новото столетие, се: "За ресантиманот и моралните вредносни судови" (1912), "За феноменологијата и теоријата на симпатијата" (1913), "За вечното во човекот" (1921), "Положбата на човекот во космосот" (1928), а најпознатото негово дело, едно од најзначајните трудови за етиката во модерниот период, е "**Формализмот во етиката и етиката на материјалните вредности**" (1913-16). Починал во 1928 година, оставајќи големо влијание врз развитокот на современата етика и антропологија.

**Едмунд Хусерл** (1859-1938), математичар и философ, професор на неколку универзитети, можеби најголемиот германски современ мислител,

зашто создаде *нов развиен философски метод*, бил учител и инспиратор на повеќе најзначајни современи философи (Шелер, Хајдегер, Еуген Финк, Николај Хартман, Лудвиг Ландгребе, Сартр, Роман Ингарден, Морис Мерло-Понти...). Бележити дела на Хусерл се: "Философија на аритметиката" (1891), "Логички истражувања" (1900), "Философијата како строга наука" (1911), "Идеи за една чиста феноменологија и феноменолошка философија" (1913), "Картезијански медитации" (1931), "Кризата на европските науки и трансцеденталната феноменологија" (1936) и др. Неговите бројни ракописи, пишувани со лична стенографија, се спасени-пренесени во Холандија, се дешифрираат и константно се објавуваат. **Д-р Загорка Миќиќ** (1903-1982), од Обреновац, која првин студираше психологија во Берлин, а потоа кај Хусерл во Фрајбург, прва напиша докторска дисертација за учењата на големиот философ за теоријата на науката, со ментор кој го посочи самиот Хусерл, неговиот асистент *Еуген Финк* (1905-1975, кој беше единствениот германски философ кој имаше храброст да присуствува на закопот на Хусерл); поради настаните со нацизмот дисертацијата Миќиќ мораше да ја одбрани во Белград (1934), а книгата "Феноменологијата на Едмунд Хусерл" ја објави во Белград (1937, повторено издание во 1988). Во војната изгоре ракописот на германската дисертација на д-р Миќиќ. По Втората војна таа беше професор (1954-1972) по логика и историја на философијата на Универзитетот во Скопје. Во 1933 година Хусерловиот асистент, докторант и доцент *Мартин Хајдегер* (1884-1976), автор на многу дела (најпознатото "Битието и времето", 1927, посветено на Хусерл), врвен егзистенцијалистички мислител, како привrзаник на Хитлер го симна својот професор (Евреин) од ректорската позиција и самиот ја зазеде, држејќи пофални говори за нацистичката власт и поздравувајќи со кренатa рака. Феноменолозите, интернационално движење, се преселија во Белград, каде помош им даде д-р Миќиќ. Другиот прочуен егзистенцијалист *Карл Јасперс* (1883-1969), дотогаш најдобар пријател на Хајдегер, ги прекина врските со него (а бидејќи имаше жена Еврејка, мораше да го напушти универзитетот), врските ги прекина и познатата мислителка *Хана Арент* (1906-1975, авторка на многу значајни политички дела, како "Луѓето во темните времиња", 1967), тогаш студентка и интимна пријателка на Хајдегер. По некое време Хајдегер се повлече од позицијата и од јавноста, но остана моралната дамка за нелојалноста кон професорот и за приклонувањето кон негативната етика на нацизмот.

Хусерл разви **нов научен метод**. Многуте научни методолошки достригли, помеѓу кои и средствата за истражување (апарати, процедури и сл.), влијаат врз размислата и сознанието. Хусерл со **феноменологијата** даде нов научен пристап, како еден од најбележитите духовни придонеси на новата епоха. Во насетената **криза на науките**, како излез се побара создавање на научни методи кои би го тласнале натамошниот развиток на науките. Феноменологијата (што значи "наука за појавите") е сфатена не како опишување на надворешноста на нештата, туку како **проникнување во суштината** на нештата. Врз Хусерл влијаеја идеите на неговиот учител *Франц Брентано* (1838-1917) за *интенционалноста* (насоченоста) на свеста, како и идеите на Декарт и на другите големи философи. Хусерл започна испитувања во *математиката* и во *логиката*, а тоа го одведе кон претпоставките на сето познание. Во науките и во философијата забележал психологизам, релативизам и субјективизам - тие не може да бидат сигурна основа за науките, за философијата и за самата култура.

Тој феноменологијата (*хел.* фаиноменон - појава) ја определи како **наука за појавите во свеста**. Тој ќе се обиде философијата да ја постави како **строга наука**, која би била основа за опфаќање на целата реалност во нејзиното

единство. Хусерл смета дека *европскиот начин на живеење се темели врз науката*, односно врз еден единствен човечки **ум**, кој е основа за науката и за философијата. Тој ги критикува сите правци во философијата кои се сомневаат во рационалноста и во рационалното водење на животот, како и сите догматско-метафизички системи, кои некритички создаваат погрешна слика за реалноста. Треба да се отвори историска перспектива и да се изгради *хуманизам*. **Философијата треба да биде основа на сите науки**, за што е неопходно "апсолутно ослободување од сите претпоставки".

Испитувањето на основите на сознанието бара еден *универзален метод*, со кој ќе се преиспита она што науките ги втемелува како *научност*. Крајната цел на феноменологијата е да се пронајдат **сигурни темели на сознанието**, како *нов начин* за засновување на науките и за опстанок на човештвото *врз основа на умот* (ова е нов вид рационализам). Хусерл сака во самото мислење да се покаже предметот на мислењето, таков каков што е. Затоа философијата треба "**да се врати кон самите нешта**", ништо не треба да им се додава на нештата. Методот треба да покаже како нештата изворно се појавуваат во свеста. Феноменологијата не се изјаснува за светот вон од нашата свест, за тоа дали постои или не, бидејќи смета дека нема никаква смисла таквото изјаснување. Во секојдневниот живот нашето искуство, како и посебните науки, претпоставуваат дека постои свет независно од нашата свест. Ова се нарекува "*природен став*", но тој е некритичен, догматски и наивен. Философијата мора да се ослободи од таквиот став со **воздржување од изјаснување**, односно таа тоа го "*става во заграда*" (ова феноменолошко *епохе* е земено од скептичката философија, каде значи воздржување од какво било искажување суд за нешто). Кога ќе се исклучи она што го содржи природниот став, тогаш се отвора можноста за сигурно знаење во **изворните доживувања на самата свест**. Тоа е *трансцедентална субјективност*.

Хусерл бара одење "назад кон субјектот, кон свеста како извор на нашето знаење за објектите". Хусерл разликува 3 вида свест: *емпириска свест*, чија содржина се психичките доживувања; свест како *внатрешен набљудувач на сопствените доживувања*; и свест како форма на *психички интенционални доживувања*. Со третиот вид свест се занимава феноменолошкиот метод. Таквата свест е изворна, првична и чиста (но не празна) и му претходи на секое искуство. Чистата свест е активен тек, кој секогаш е **насочен** кој некој предмет. Секоја свест е "*свест за нешто*". Оваа насоченост-*интенционалност* на свеста кон предметот е нејзино основно својство. И во чистата свест постојат разновидни слоеви на интенционални доживувања, од познание до вреднување. Овие доживувања сочинуваат единствен предмет на свеста, а тоа е **светот**; доживувањата припаѓаат на еден тек, имаат интерсубјективно значење, т.е. важат објективно. Тоа ја определува **суштината** на самиот предмет, *карактеристиката за предметот*. Суштините се априорни форми или предискуствени услови за појавување на предметот во свеста. Мислењето на суштините се случува спонтано, односно со интуицијата *непосредно се согледува* согласувањето на текот на свеста со нејзиниот интенционален предмет, а тоа е светот како корелат на свеста. Токму тука се покажува сигурниот темел на вистинитоста како основно својство на умот. Со спонтаната согледба на суштините се открива сигурност во објективноста на умот. Тоа треба да претставува основа за единственоста на науките, врз чија основа ќе се постапува и ќе се живее, а Хусерл смета дека со тоа е пронајден темелот за надминување на кризата на европските науки и култура.

**Макс Шелер** го прифати феноменолошкиот метод и стана **прв најзначаен следбеник на Хусерл**. Но своите истражувања не ги насочи кон сознанието, туку кон **вредностите** - како што се априорни логичките принципи, априорни можат да бидат и моралните принципи, кои се наоѓаат и можат да се забележат во структурата на свеста. Иако вредностите ги испитуваше и Хусерл, детално им е посвети Шелер, кој ја изгради **феноменолошката етика**, етика на **материјалните вредности** или персоналистичката етика со примена на феноменологијата. Вредностите се сметаа за нешто релативно, а Шелер тврди дека тие се *објективни*, безвремени и имаат своја валидност, што се виде со феноменолошкото откривање на суштините (исто така тоа е влијание од *неокантовците*, чии идеи за вредностите како посебен "*трет свет*" ги следеше Шелер). Истовремено Шелер се застапува за **ревитализација на емоционалноста**. Материјалната етика не мора да биде само етика на целите, поврзана со хедонизмот и со хетерономијата, како што тврдеше Кант - бидејќи и емоциите се материјални вредности, во себеси априорни. Шелер поетски ќе се повика на прекрасните поими на *Блез Паскал* (1623-1662) "*orde du coeur*", "*logique du coeur*" (систем на срцето, логика на срцето), истакнувајќи ги како опис на априорноста на чувствата.

Оттука следува **критика на Кантовата формалистичка етика** на добродетелта и на должноста, за која не е важна содржината, туку самата форма на моралниот императив. Априорното кај Кант се однесува на она што е пред искуството, пред даденото. Шелер смета дека априорното се базира и врз искуството, исто како она што ни е дадено со осетите. Според Шелер несомнена е евиденцијата на моралните вредности, кои не можат ни да се негираат ни да се докажат. Секоја вредност (на пример, љубовта) е содржинска, материјална вредност, тоа е висока вредност по себе, без оглед на нашите ставови и искуства за неа. Значи, априорно ни е дадена и интуитивната содржина, која е одделена од она што произлегува од низата осети. **Критиката на Кантовите ставови за материјалната етика во 8 точки** (кои ќе ги изнесеме скратено), важна е за разбирањето на позициите на Шелер, но и на Кант, кој вели: 1) секоја материјална етика нужно се однесува на благата и целите; 2) таа нужно има емпириско, индуктивно и апостериорно значење (само формалната етика може да има априорен карактер); 3) задолжително се однесува на ефектите и ефикасноста (а формалната етика се занимава со волјата и ставовите, чии намери можат морално да бидат вреднувани); 4) нужно се сведува на хедонизам, на сетилно уживање во објектите (формалната етика тоа може да го избегне); 5) нужно е хетерономна (а не автономна); 6) води само кон легалноста на постапката (а формалната етика може да формира моралност на волјата); 7) субјектот го прави зависен од неговите состојби и надворешни нешта (а формалната етика може да воспостави достоинство на личноста); 8) основата за етичкото вреднување ја поставува во нагонскиот егоизам (а само формалната етика може да востанови независен морален закон, кој би важел за сите умни суштества).

Во центарот на испитувањето Шелер ги става **емоциите**. Според него, феноменологијата на вредностите и на емоционалниот живот е подрачје независно од истражувањето на логиката. Вредностите и нивната чувственост се објективни материјални принципи на моралот, рационалното сознание не е единствен феномен на свеста. Шелер ја брани запоставената емоционална сфера на човекот и животот, брани дека се важни и **чувствата**. Тоа е *емоционален априоризам*. Феноменолошка дескрипција на чувственото покажува дека ова е интенционално (како сите сфери на свеста). Шелер ги приведува следните

слоеви на емоционалноста: 1) чисто чувство, 2) претпоставување и запоставување (истакнување и не водење сметка), 3) љубов и омраза.

**Вредностите** се априорни содржини на волевите и интенционалните акти, тие не се сетилни квалитети на емпириските објекти, ниту психолошки претстави предизвикани од тие нешта, ниту производи на чистиот ум. Тие имаат квалитет и модалност, дури априорно и апсолутно битие. Вредностите се апсолутни и неменливи. Вредностите се безвремени суштини, кои имаат објективна егзистенција, како и природните законитости. Тие постоеле и пред некој да ги открие. Секој вредносен квалитет е сингуларен и неповторлив е. Вредностите се неделиви. Тие не може да се дедуцираат (да се изведуваат од другите вредности), ниту да се докажуваат, туку може да се покажат и опишат, како стандардна постапка во феноменологијата. Како појава-феномен, вредноста е содржина на "непосредното чувство", на "гледањето на суштината", на "феноменолошката согледба" и сл. Вредностите се откриваат со емоционално априорно непосредно-директно здогледување. Тие сепак не ни се достапни без даденоста на она што вреди, тие се откриваат кога ќе минат (од неегзистенција) во егзистенција.

Надоврзувајќи се на учењето на Франц Брентано за позитивната и негативната вредност, и говорејќи каков е односот на вредностите со активниот етички поим "*треба*", Шелер заклучува: Правилно е постоењето на нешто што треба; неправилно е постоењето на она што не треба; неправилно е да не постои она што треба; правилно е да не постои она што не треба. Тука следува и критиката на Кант по прашањето на **релацијата помеѓу вредноста и "треба"**. Кај Кант умната волја ја определува деонтологијата, т.е. обврските за дејствување, така што вредноста се базира на *треба*. За Шелер примарна е вредноста, така што секое *треба* се базира врз вредноста. Како што видовме, секое "треба да" или "не треба да" имплицира однос помеѓу позитивната и негативната вредност. Но сушноста на вредноста не се сведува на "треба", таа е индиферентна спрема егзистенцијалната сфера, спрема својата реализација. Всушност, Шелер разликува два вида - "идеално треба" и "треба според должноста", првото го имаме во исказот "она што е правилно треба да биде", а второто во исказот "треба да се прави она што е исправно". Идеалното прераснува во должност кога неговата содржина е поставена спрема некоја волја како негов можен реализатор.

Постои **хиерархија на вредностите**, која е строго определена. Вредностите се на високо место ако се трајни, потоа на уште повисоко ако помалку може да да се диференцираат, исто така ако се помалку условени од други вредности, а потем ако нивното чувствување е поврзано со нивното подлабоко задоволување, и конечно се повисоки ако нивното чувствување е помалку релативно наспроти носителите и претпоставувањата. Скалата на вредностите покажува разни односи, од кои на првото место е споредбата на нивните *морални квалитети*, од најниските до највисоките вредности: 1) најниските сетилни вредности - пријатно и непријатно; 2) вредностите на виталното чувствување - благородно и просто; 3) посебната модалност на духовните вредности на убавината, добрината (праведноста) и вистината; 4) највисоката вредност - светото. Така хиерархијата на вредностите, од сетилните, преку животните и духовните, се искачува до религиските вредности.

Од вредносната чувствителност зависи кој какви вредности ќе реализира. Шелер посочува дека е можно и "слепило за вредностите"; всушност искуството покажува дека вредностите тешко се разбираат и реализираат. За историската **релативност** истакнува дека тука станува збор повеќе за *видовите пристапи* кон

вредностите (се истакнуваат различни вредности во разните епохи и средини, а некои вредности им изгледаат како заблуда на претходните, а некои на подоцнежните генерации). Затоа, покажува Шелер, постојат **разлики**, варијации: 1) на чувствувањето на вредностите и на етосот, 2) на судовите и на просудувањето на моралните постапки, 3) на типовите на институциите и на делувањата, 4) на практичната моралност, и 5) на обичаите и моралните норми. Но оттука не следува дека вредностите се релативни, останува *айсолуйизмой* на вредностите. Етиката има материјално-априорна сигурност, а нејзините согледби се *сйроїи* како математичките искази. Априорноста на моралните вредности е трајна, наспроти релативноста на нивното сфаќање и на конкретниот историски морал. Скалата на вредностите не се изведува со логичка дедукција, туку се открива во делото. Штом сме го откриле *квалийетой* на вредноста, ние го знаеме и нејзиниот *ранї* во системот на вредностите. Но, преферирањето на вредноста во хиерархијата не значи и нејзино избирање, бидејќи чинот на преферирањето е емоционален акт, а изборот е волев акт; човекот може повеќе да сака некоја повисока, а да избере некоја пониска вредност. Но човекот не може ништо да смени во реалноста на вредностите - доброто е над злото, духовните вредности се повисоки од хедонистичките, од оние на задоволството. **Човекот не ги создава вредностите, тој е во релација спрема нив.**

Постојат суштествени врски помеѓу вредноста и нивните носители, личностите и нивните дела. Личноста е носител на вредноста, но личноста не е нивна претпоставка. **Вредностите и хиерархијата на вредностите ќе постојат независно од конкретниот субјект, кој го извршува реализирањето на вредноста**. Покрај индивидуите, постојат и колективи и "личноста на личностите", т.е. Бог. Вредноста "добро" е највисока за сознајниот степен на суштеството што ја реализира, а вредноста "зло" е на најниското стапало. Етички добра е постапката ако се согласува со вредноста која е претпоставена и е спротивна со онаа која се запоставува, како што е лоша онаа постапка која со својата содржина е против претпоставената вредност и е во согласност со запоставената. Вредноста "добро" ја проникнува онаа постапка која реализира позитивна вредност, а "злото" е карактеристика на реализирањето на негативната вредност.

Кај Кант доброто и злото се мерат според волјата за дејствување, количеството на доброто е определено од моралната волја. Кај Шелер вредноста на волјата се определува според валидноста на личноста. Личноста е носител на моралната вредност, а тука спаѓаат и својствата на личноста и нејзините избори и постапки. За Шелер, тие својства се добродетели и пороци. Духот и телото као средиште на дејствувањето се насочени (интендирани) кон светот. Бидејќи **личноста е носител на вредностите**, Шелер дава **видови**, типови, или модели на вредните личности: 1) вешт во животното уживање, 2) водечки дух, 3) херој, 4) гениј, 5) светител. Овие вредни личности се обрасци на човештвото во сите епохи на моралното делување.

Во доцнежните истражувања, Шелер се посветува на **антропологијата**, која ја развива како метафизика и теологија. Смета дека микрокосмосот (секој човек) е слика на макрокосмосот. Во светски прочуената книга "**Положбата на човекот во космосот**", како и во "Човекот и историјата", двете објавени во последната година од неговото живеење, Шелер истакнува дека личноста е носител на вредностите и ги отфрла современите емпиристички, еволуционистички, психологистички и историцистички погледи. Човекот е единствен *самосвесен субјекй*, има нагонски импулси, емоции, контакти со

другите, стремеж за моќта и разумско мислење. Тој во некоја смисла е детерминиран од средината, но и слободен е, живее со "отворен хоризонт", во својата средина, во која не е ни докрајно сврзан ни беспомошно втопен. Оние идеи кои не излегуваат од неговите сопствени интереси и страсти нужно пропаѓаат. Човекот не може да се сведе на еволуцијата на животот, туку е ист со највисоката основа на сите нешта, "чијашто голема манифестација е *живоӣоӣ*". Личноста не е обично природно суштество, таа е единство на конкретноста и на суштественото битие, што дава основа за единство на духовната и интенционалната страна на нашите дејства. *Персоналисӣичкаӣа* етика на Шелер е таква филозофија на моралот која ја зема личноста како темелен поим. Се занимава со нејзината реалност и со нејзините дела, а во таа смисла и со етичките погледи и постапки.

Свеста, според Шелер, не е карактеристика на човекот во однос на другите живи суштества, туку **духот**, со чија сила доаѓа до самосвеста. Личноста на човекот, за Шелер, е средиште воздигнато над спротивностите на организмите и средината. Поимот на личноста води до поимот на Бог, кој е истовиден со човековите најистакнати карактеристики. Шелер потенцира: "Во часот кога човекот си признa самиот на себеси дека помалку од кога и да било порано има строго знаење за себеси што е тој и дека повеќе не се плаши од никаков одговор на ова прашање, се чини дека му се повратила новата храброст за вистинитоста... и за развивање на нова форма на својата самосвест и на својот поглед за себеси".

**Николај Хартман** (1882-1950), истражувач на методологијата на научното сознавање, на "новата онтологија", теоретичар на *слоевиӣе на ӣосӣоењеӣо*, ја продолжи **феноменолошката етика на Шелер**. Во својата книга "**Етика**" (1925), едно од најпознатите етички дела во XX век, даде прекрасни анализи на етиката како свест и практика. Ги истакнуваме само неговите детални претставувања на големите етички вредности: Добро, Благородност, Богатство, Чистота, Праведност, Мудрост, Храброст, Самоконтрола, Љубов кон ближниот, Вистинитост и искреност, Доверливост и верност, Доверба и вера, Скромност, Надворешна вредност на однесувањето. Љубов кон најдалечното, Дарување, Личност, Лична љубов. Тие истражувања ја дополнуваат Шелеровата значајна изградба на етиката врз новите основи, кои беа потребни за новото живеење и за сериозната разгледба на местото на човекот во светот заедно со сите сили кои ги има.

**Етички мисли на Макс Шелер**

"Вредностите не можат да бидат создадени ни уништени."

"Емоционалната страна на нашиот дух, на нашите чувства, претпоставувања, љубов, омраза, стремежи, имаае една првична априорна содржина... сосема независна од логиката. Постои една априорна *orde du coeur*, *logique du coeur* (систем на срцето, логика на срцето), како што убаво кажа Блез Паскал."

"Морално добар е оној акт на реализирање на вредноста кој според својата интендирана вредносна материја се согласува со онаа вредност која е *ӣреӣӣосӣавена* и спротивна е на онаа која е *заӣосӣавена*, а лош е оној акт кој противречи на претпоставената, а се согласува со запоставената вредност."

"Човекот не ги подражава некој по себеси постоечки *свеӣ на идеиӣе* или *ӣровидносӣа*, коишто би постоеле во Бог пред Создавањето, туку е сотворител, сооснован и соизвршител на еден идеален тек што се случува во светскиот процес и со него самиот."

# 81. Алберт Швајцер
## ПОЧИТУВАЊЕ НА ЖИВОТО



Нормално е луѓето да прават добро, но тоа не е секогаш така, а и не е лесно. Тоа бара напори, понекогаш и херојство, особено кога човекот сака во текот на целиот свој живот да го прави најдоброто. Веќе определбата за доблеста е голем предизвик, а **постојаното правење добро восхитува**. Со посебна вредност тогаш проблеснува и теоретското објаснување на таквата личност за смислата и содржината на доброто. Така е со делото и идеите на д-р Алберт Швајцер.

**Алберт Швајцер** е роден во 1875 година во Кајзерсберг во Алзас во семејство на протестантски свештеник (најстариот чичко бил дедо по мајка на философот Жан-Пол Сартр). Бил блескав студент во Страсбур. По завршувањето на докторатот по теологија и философија, докторирал и музика. Бил најпрочуен современ изведувач на црковните композиции на Јохан Себастијан Бах на оргулите, бил единствен мајстор кој знаел да ги репарира старите оргули во Европа, а познати се и неговите извонредни книги за големиот музичар. Решил и со животната активност да ја поддржи својата духовна и етичка насоченост - за да се *оддолжи* за укажаната помош да се образува. Во 1913 година отишол во најсиромашниот крај на светот, каде што имало најголема потреба од лекарска помош, и отворил болница, која станала **најпозната светска добротворна институција** и тој целиот живот работел во неа. Во Ламбарене во африканската држава Габон пациентите го нарекувале “маѓосник“ Оганга. Овој најучен Европеец во XX век, теолог, музичар, философ и лекар, добил **Нобелова награда** за мир во 1952 година. Умрел во својата болница во 1965 година.

Има напишано дела за Исус Христос и за свети Павле, за односот помеѓу христијанството и другите светски религии, за Имануел Кант и за погледите на индиските мислители, за Бах и за другите композитори за оргулите, за своите искуства во Африка и за болницата во Ламбарене. Сите тие имаат етичка насока. На пример, за Бах пишува: “Естетиката на Бах е етичка во основата... Тој ја исполнува етичката должност кон човештвото“. За современата етика е особено значајно делото на Швајцер “**Културата и етиката**“, објавено во 1923 година како втор дел од неговата “Философија на културата“. И идеите на Швајцер се неговото исклучително хуманитарно дело; тие **влијаат врз многу етички погледи и иницијативи** на сегашнината.

Швајцер смета дека човекот му се доближува на светот не преку сознанието, туку преку доживувањето: “Јас можам да ја разберам природата на живото суштество вон од мене само преку живото суштествување во мене“. Затоа првиот факт на човековото постоење е она што во елементарна смисла е сеопшто, а тоа е дека **јас сум живот, кој сака да биде во средиштето на животот,**

**кој се стреми кон живеење**. Основата за човечката егзистенција и за секој поглед на светот е да се **поклониме пред животот**; тоа е и база за секоја етика. Треба нужно да го **почитуваме животот**. Тоа е клучот на Швајцеровата **универзалната етика**, како што тој самиот го нарече своето етичко учење.

Ова не е идеализам. Швајцер укажува дека во етиките често има многу систем, а малку сочувство. Поради тоа тој бара повеќе реален живот во етиката: "Таа е насочена да дејствува среде вистинските настани и да го преобразува однесувањето во реалниот свет". Емпириската содржина на етиката е хуманизмот, **љубовта за човекот**. Затоа етичката задача е јасна - секој човечки живот и воопшто секој живот се свети и неприкосновени.

Животните живеат од заграбување и јадење на други суштества. Тогаш животот се плаќа со особена цена - со друг живот. Швајцер укажува дека моралот не е карактеристика на животинскиот свет. Моралот се јавува таму каде што покрај својот стремеж за живеење се раѓа и уважување за туѓиот стремеж за живеење, а зло е својот живот да се гради за сметка на животот на другото суштество. За Швајцер етиката е особено разбрана должност, а неа тој ја именува: **одговорност за сé што живее**. Тој смета дека луѓето се етични кога живеат без да засегнат ниедно живо суштество.

Швајцер го љубел принципот на Гете: Во почетокот беше *делото*! (парафраза на појдовната мисла во Евангелието според Јован, каде стои дека во почетокот бил логосот, мислата, идејата, зборот). Кон тоа Швајцер го додаде своето сознание дека **моралот започнува таму каде што завршуваат зборовите**. Такви се животот и ставовите на Швајцер. Неговото животно дело е градење и одржување на болницата во долината на реката Огове, каде што луѓето го сметале за татко. За тоа сведочи и неговото неколкугодишно студирање и докторирање медицина, откако бил повеќекратен доктор на науките, бидејќи тоа колонијалната држава го поставила како услов за да може да ја спроведува својата хуманитарна лекарска акција. Тоа се гледа и во неговите **заложби за светски мир и против нуклеарното оружје**. Првата спогодба за ограничување на атомското вооружување тој ја нарече "најголем настан во човечката историја". Барањето за почитување на живото не е само идеја, тоа Швајцер го спроведувал како своја определба, укажувајќи дека така треба да биде за сите луѓе, дека тоа треба да им е при срце, за она што го прават за навистина да биде добро.

Швајцер бил оптимист, сметал дека хуманизмот е можен како реален придонес за подобрување на човековата положба. Тој **верувал во човечката добрина**. Повикувал на добро, на сочувство и сострадање, насочувал кон градење на подобар свет. Кажал дека самоодречувањето е вистинско херојство. Истакнувал дека најдобро дело е служба за другите луѓе, за нивната среќа и спокојство, за чување на животот и на мирот во светот.

Загрижен за страдањето на човештвото, Швајцер од младоста се ориентирал кон тоа **да стори нешто за човештвото**, ова го сметал за свое најважно прашање. Своето дејствување никогаш не го нарекол жртвување, туку *исполнување на должноста према луѓето*. Кај него среќаваме особен аспект на личното искуство како основа за етичките обопштувања. Во спомените укажува дека во неговото место имало толеранција помеѓу луѓето од различни вери (од слични соображенија, во Стразбур е сместен Европскиот парламент). Швајцер говори за дедо си пастор, кој многу ја сакал науката и имал желба да ги просветува луѓето. Си спомнува за вујко му Албер, исто така пастор, кој сторил херојско дело обезбедувајќи лекови за своите опколени сограѓани во војната, но се исцрпел од тревожење затоа што го зеле заложник и го оневозможиле да биде во страдањата заедно со своите верници. Младиот Албер имал забележлив

порив за сочувство, за да се постави на местото на другото суштество. Уште како дете кон вечерната молитва си додал сопствен дел: “Оче небесни, спаси ги и помилувај сите кои дишат, чувај ги од злото и нека спијат во мир“. Сочувствувал со животните и одбивал да лови риби, за да не ги гледа како се мачат на јадицата. Кога другарчињата сакале да нападнат јато птици, тој викнал и ги спасил: “Тогаш се здобив со храбоста да не се плашам пред мислењето на толпата“. Но, бил животен реалист, не гледал на нештата низ розови очила. Дури се откажал од игрите, зашто забележал дека во нив може да ја загуби контролата и да направи нешто лошо (затоа никогаш не играл карти). Имал силна морална волја и силни етички реакции, длабоко сочувство за луѓето. Оддавал голема **почест на луѓето кои правеле добро**: “Многу од нештата што јас никогаш не би ги почувствувал со толкава јасност и никогаш не би ги направил, ги сторив и почувствував затоа што бев под влијание на добрите луѓе. Многу од нашите црти на карактерот, нежноста, добрината, скромноста, готовноста да простуваме, верноста или самооткажувањето, ние им ги должиме на луѓето кои на дело ни ги покажале тие добродетели... Мислата која станала дело, во нас влегува како искра и разгорува нов пламен.“ Самиот мечтаел во зрелоста да биде поедноставен, посправедлив, почист, подобар, да изразува уште поголемо сострадалништво.

За Швајцер стоичкото учење е најголемата философија на светот. Таа понудува вистинска размисла за животот: поттикнува кон внатрешна дисциплина и укажува на човечката одговорност, а на човекот му покажува дека треба да влезе во духовен однос спрема светот и да го почувствува единството со него. Тоа се најважни прашања за животот и за доброто. Швајцер вака го опишува своето чувствување на **единството на животот**. Страдањето се изразува како сила да се осуштествиш во другото суштество и во сите други суштества. Тој сознал дека многу му е дадено на овој свет и дека од него и многу се бара. Тука нема место за егоизмот. Само **ако дадеш на другиот, ќе добиеш**. Се заколнал дека ќе стори сѐ за да им помогне на другите: “Секој кој се ослободил од болката треба да се чувствува должен да помогне за смирување на туѓата болка“. Тој избрал да тргне по патот на директно служење на ближните. Барајќи сфера во која би бил користен за луѓето, во која на луѓето ќе им ги дава своето срце, време, ум и раце, тоа и го одвело кон Ламбарене, кон изградба на неговата болница и кон преданата педесетгодишна работа во неа.

Очигледно е дека Швајцер го возбудувале прашањата на етиката. Тој под поимот “култура“ подразбирал владеење на разумот над природната стихија и над склоностите и нагоните на човекот. Второто го сметал за вистински прогрес. Првите дострели можат да послужат и за варварство, не само за хуманизам. Поважно е духовното напредување, кое означува дека волјата и дејствата на индивидуата и на групата се насочени кон доброто на општеството и на единката. Етиката е култура. Тој ги приведува зборовите на **Лав Толстој** дека главното и единствено дело на човештвото е да го формулира моралниот закон според кој ќе живее (тој го нарекува Толстоја “голем вдахновувач“). Швајцер укажувал дека односите помеѓу луѓето станале механички, а грижата се искажува само формално. Си поставил задача да покаже “како сме станале мрзеливи, како сме го загубиле моралот, како сме дошле до опаѓање на културата“. Културата не смее да ја загуби големата цел на усовршување на човештвото. А има и множество луѓе кои треба да се ослободат од страдањата и од духовната зависност. Тоа Швајцер го исполнил како задача.

Тој многу ги сакал децата и имал желба целиот живот да им предава за етичките вистини и норми (уште истакнувал дека современото училиште се

деградира и нема доволно широчина). За философијата сметал дека го формира погледот на светот и ги усогласува сознанијата со етичките цели на заедницата и на единката: “Доброто образование не е можно без философија“. А денес е најзначајно неговото учење за **моралот како израз на универзалната волја за живот** - што се манифестира како почитување на животот, како љубов за суштествата вон од мене и како етичка волја во мене.

Тоа Швајцер го изрази во својот основен етички принцип - почитување на животот, пиетет, поклон пред животот. **Секој живот е свет**. Доброто значи да се чува живото, да се соработува со него, тој да се крева до највише ниво до кое може да се дојде - зло е да се уништува живото, да се навредува и да се потиснува животот кој е способен да се развива. За тоа ќе помогне ако се зацврсти универзалниот закон на моралот, ако се рашири и врз другите видови (растителни и животински), ако луѓето соработуваат, ако се земаат предвид сите вредности за различните видови живеење. Прв идеал е **духовно и етичко усовршување на човештвото**; тоа е пред сите идеали на прогресот. А позитивното етичко однесување кон животот ќе му донесе *мир* на светот.

Оваа мечта за етичен човек, писателот **Штефан Цвајг** (1881-1942), автор на значајни дела за неколку најголеми етичари (Толстој, Ганди, Еразмо, Швајцер...), ќе ја оцени како “нова смисла на *моралниот херoизам*“. Тоа Швајцер го означувал како нова Ренесанса, кога човештвото ќе открие дека “**етичното е најголема вистина и најголема практична вредност**“. Тоа треба да биде идеја која ангажира и инсистира - која може да биде основа и во најмалечката и најзафрлена заедница, како и во центарот на збиднувањата и со најшироки решенија.

Фасцинира тоа што Швајцеровата потрага по апсолутна етика, во смисла на барањата на Кант (за кого пишувал докторска дисертација), тој ја лоцирал во конкретното добро што го даваат *лекарите*. Оваа најпотребна професија може да направи многу добро, таа непосредно е поврзана со љубовта спрема луѓето. Швајцер вака го опишал својот етички статус: “Секое утро имам можност да правам добро и да помогнам во спасувањето на животот на луѓето“. Така животот и етиката биле поврзани кај овој голем хуманист.

**Етички мисли од Алберт Швајцер**

“Етиката е бескрајна одговорност за сé што живее.“

“Етиката започнува таму каде што завршува зборувањето.“

“Мене пред сé ме интересира прашањето што можам како човек да сторам за човештвото.“

“Само човештвото кое се стреми кон етични цели може во целост да се користи со благодаттите од материјалниот прогрес и да се справи со опасностите што него го придружуваат. “

“Вистината, љубовта, мирољубивоста, мекоста и добрината се сили кои ќе ги наткрилат сите други сили и секое насилство.“

“Кој има намера да прави добро, тој не смее да очекува дека за тоа луѓето ќе му ги иставаат камењата од патот, туку мора да биде подготвен уште некој камен да му стават на патот.“

# 82. Џек Лондон

## ЗА ДОБРИ НЕШТА



**Уметниците се големи борци за човештината.** Тие го опишуваат човекот, подготвуваат дела за да го задоволат и развеселат, сакаат да ги објаснат нештата и да ги поттикнат луѓето, се трудат да ги зголемат сознанијата на човекот и да му ја разбудат душата. Уметниците се застапуваат за *слободата* и за *убавините* - тоа за нив е исто; тие говорат и за минатото и за иднината, но најповеќе за сегашнината, што на човекот многу му е потребно; ги изложуваат модерните предизвици и дават умесни и храбри предлози за нивно решавање. Уметноста му е *неопходна на човекот*, уметниците спаѓаат меѓу најпотребните творци на светот. Хуманитетот и цивилизацијата не би биле комплетни без уметниците и нивните творби.

Уметноста е поврзана и со етиката, и тоа не само со делата на талентираната, често генијална индивидуа, чии ставови се важни за луѓето, и не само затоа што му овозможува на човекот да се чувствува поисполнет со хумани интересирања, доживувања и задачи. **Уметноста е другарка на етиката** со директните укажувања на етичките дилеми и со изложувањето, со критика или со одбрана, на некој морален став, а често со неговото ентузијастичко застапување. Во уметноста дејствуваат емоциите, а умот ги изложува нив со (нај)голема сила. *Делата* на уметниците се експресија од свои извори и се изразуваат во специфични форми, а *етиката* се демонстрира со внатрешен морален нагон на творецот и се труди да создава жива тензија со нејзините прашања и поднесените разрешувања. Во нашава книга говориме за философите на моралот и за етичките практичари, а не ги изложуваме уметничките етички творби, на пример во народната уметност, или кај класичните творци, или кај религиозните популаризатори, или кај оние понови уметници кои нагласено говорат за моралот. Во модерната епоха драмските, поетските, прозните, сликарските, музичките, фотографските, филмските уметници се големи **застапници на етиката** (за еден од нив Бертолт Брехт говориме за неговите специјални естетички, културни и пацифистички ставови). Денес стремежите за социјално ослободување на човекот, за слобода и еднаквост на сите луѓе, за обезбедување на опстојбата и за напредување на сите, а посебно на младите, за слободно изразување најгласно ги кажуваат уметниците. Тие покажуваат грижа за повредените и страдалниците, за бессилните жени и деца, за жртвите на насилството и тормозењето, за уништувањето на Природата, за бескрајните бесмислени конфликти меѓу луѓето, со голем број пострадани. Уметниците се против лошите дејства во светот, посочуваат на значењето на етиката. Според својата творечка определба и личната позиција, уметниците најчесто се носители на активниот позитивен морал.

Романсиерот **Лав Толстој** (1928-1910) стана *најпознат етички учител* во новата епоха, бележити етички насоки има во делата на руските писатели **Николај Гогољ** (1809-1852), **Фјодор Достоевски** (1821-1881), **Иван Тургенев** (1818-1883), **Антон Чехов** (1860-1904), а **Иван Гончаров** (1812-1891) создаде маестрален лик на

врвна мрзлива личност *Обломов* (1859). Французите **Виктор Иго** (1802-1885) и **Анри Барбис** (1873-1936) беа постојани борци за правдината, последниот ги опишуваше страдањата на *Македонија* и ја бранеше идејата за нејзина независност. **Футуристите** и **надреалистите** ги оцртуваа хоризонтите на новите светски тенденции и човечки настапувања. Сликарот **Пабло Пикасо** (1881-1973) со сликата "Герника" даде најпозната критика на нацистичките злосторства врз обичниот народ во *Шпанија*, каде инаку за Републиката се бореа многу прочуени писатели и новинари. **Александар Солженицин** (1918-2008) напиша најсилни критики на уништувачкиот сталинизам. Танчарите протестираат против неслободите, џез музичарите се меѓу најпознатите застапници на слободата на изразот и на личните слободи - **Луј Армстронг** (1900-1971), **Дјук Елингтон** (1899-1974), **Џон Колтрејн** (1926-1967), **Чарли Мингус** (1922-1970)... Актерите и филмаџиите, на чело со **Чарли Чаплин** (1889-1977) и, сега, со **Стивен Спилбег**, ги поддржуваат либертерските и етичките напори на светот. Рок музиката, и целата **рок култура**, се етички интонирани - најпознатата антивоена песна е "Дај му шанса на мирот" од **Џон Ленон** (1940-1980). Во изминатите 100 години, помеѓу уметниците борци за слободниот дух и достојно живеење, со етички ставови се истакнуваше писателот Џек Лондон.

Џон Грифит-**Џек Лондон** е роден во 1876 година во Сан Франциско во необични околности - мајка му, избегана од дома, се поврзала со познат човек, професор и астролог, но тој стар не сакал да го признае детето. Тешко живееле, па мајка му се омажила за вдовецот Џон Лондон, кој имал ќерки и достојно го воспитувал момчето (ќерката Елиза ќе стане најголем чувар и бранител на Џек во текот на целиот живот). Иако вешт земјоделец, не успевале во бизнисот и биле мошне сиромашни. Малиот Џек работел уште како малечок, одвај успеал да заврши основно училиште. Во родниот град, најубавото американско место и залив, чии брегови и морски води ги обожаваше и подоцна фантастично ги опиша, момчето работеше на докот и беше рибарски помошник, потоа имаше барка со која илегално ловеше и се истакна во кафеанските тепачки. Целиот живот уживаше во авантурите. Талка илегално со железницата по САД до источниот брег. Потоа плови по океанот со ловци на морски лавови, каде му беа корисни искуствата од риболовот и личната трудољубивост. Тргна и по злато во Аљаска, а за тие даматични случки уште чита целиот свет. Од детството засакал книги и читање, ги носи секогаш со себе. Исто така запишува сé што доживува, а вешт е и во раскажувањето со сопатниците. По таквата бурна адолесценција, во 20-та година решава да се образува, зашто чувствува недостиг од знаење, се запишува на факултет, но заради нужноста да го издржува семејството ги напушта студиите по првиот семестар. Криза е, по цел ден работи најтешки работи. Си вели, сам ќе се образува, зашто сака да биде учен. Тој е типичен американски "човек што сам се создал себеси (self-made man)". Генијот проговори од него и тој почна да пишува. Испраќа насекаде текстови, но одвај се пробиваат. До крајот на животот тој пишува со рака без престан, *секој ден* наутро по 1.000 зборови, во потешките времиња и по 1.500 и 2.000, потоа ги пречукува. Најчесто работел по 19 часови, а само 5 спиел. Кај Лондон сé одеше брзо. Почнаа успеси, романите и збирките раскази му станаа многу популарни: "Повикот на дивината" (1903) и "Белиот заб" (1907) се најубавите модерни раскази за авантурите во северните краишта и за врската на човекот со животните. Популарниот "Морски волк" (1904) ги опишува бурните случувања на морнарите во Пацификот, нивните дилеми и морални постапки.

Стана и *најпрочуен светски новинар*. Го откри истражувачкото новинарство. Го испратија да пишува од Африка, но патот запре во Лондон. Тој реши да го испита страдањето на дното во најголемиот светски град. Живеејќи со

најбедните, ја напиша книгата "Луѓе во бездната" (1903), со која го покажа страшниот резултат на безмилосноста на капитализмот и на бедотијата. Романот "Железната петица" (1907) е прв роман со негативна визија за иднината, небаре ги предвести сите модерни диктатори (изрази на олигархијата), како Мусолини и Хитлер и многуте нивни имитатори, кои во XX век ширеа насилство и деспотизам спрема своите народи, за да дури неколку векови потоа се изгради *братство*, во кое нема да има такви грди појави, бедотија, заговори против луѓето и нивно уништување. Неговиот лозунг е: "Она што придонесува за подобриот живот, што го унапредува телесното и душевното здравје, тоа е добро. Она што го прави животот полош, што го уназадува, што го попречува неговиот развиток и го изобличува, тоа е зло".

Лондон гради барка и 2 години плови по Пацификот. Тогаш ја напиша книгата "Мартин Идн" (1909), со автобиографски елементи, која ја сметаше за свој најдобар роман, приказна за човек кој успева, но цената е голема и тој ќе умре млад (на истите години како и самиот Лондон по некое време) . Умре во 1916 година, на 40 години, по 16 години писателска работа, автор на **50 книги**, тогаш **најпрочуен светски писател**. Последната книга "Месечевата долина" е посветена на неговиот калифорниски имот, каде сакаше да воведе нови методи на земјоделие, за луѓето да научат она што е потребно и модерно и да имаат услови да живеат подобро (сега таму е парк "Џек Лондон").

Идеите на Џек Лондон се **исполнети со етика**, како што се љубов за животот, лична самосвест за своето настапување, сознание за другите, давање помош на блиските и на другите на кои им е потребна, храброст за дејствување и за себеунапредување, бестрашност пред природните и пред социјалните предизвици. Тој покажува - а тој е примерот! - дека во човекот има сили за совладување на најголемите бранови, луњи, студови, притисоци и загуби. Самиот влегува во разни авантури и смело се соочува со тешкотиите. Поттикнува дух на авантура и кај градските луѓе, кои не треба да се плашат од Природата, туку треба да ја откриваат и да ја засакаат, зашто во неа има безброј квалитети, значајни за живеењето и за моралот.

Чита многу. Самиот се потпира врз новите концепции на философите и научниците - Дарвин, Хаксли, особено Херберт Спенсер, Карл Маркс, Киплинг и разни откривачи и објаснувачи на светот. Тие сознанија ги вградува, или, поточно, ги транспонира, во своите дела, тие го крепат да го разбере светот и да ги пишува своите необични, нови смели описи на животните ситуации, на луѓето, на целосните животни решенија.

Еден современик го опишува Лондон дека бил - **добар меѓу најдобрите**. Постојано насмејан, пријатен со сите, ги поддржувал страдалниците, имал за секого убав збор, гостољубив до крајност.

Не е неочекувано, но е мошне интересно што бил *социјалист* и силно се застапувал за еднаквоста и за добриот живот на луѓето. Пред Првата војна социјализмот бил многу раширена идеја кај интелектуалците во Европа, иако не многу во САД и не вон од градските средини. Џек Лондон бил за социјализмот како израз на својата животна позиција и ги сожалувал оние кои пропаѓаат поради лошите односи помеѓу луѓето, поради дивите интереси, манипулации, желби за поробување, поради немилосрдноста кон маките на ближните и на подредените личности. Џек Лондон поддржувал благороден социјализам, одел низ цела Америка и држел предавања за тоа, дури се согласил да биде на челото на американските социјалисти. Ги жалел оние бедни кои не разбираат колку и зошто страдаат и немаат сили да се извлечат од калта на сиромаштијата. Тој

социјализмот го гледал во *единство со индивидуализмот*, каде секој ќе може да си најде среќа, а за тоа е потребна и подобра организација на општеството.

Најважното **морално дело** на Лондон е "John Barlycorn", чиј наслов го преведов "Мојот пријател и брат алкохол" (кај Американците тоа е прекар за алкохолот, као што ние велиме "златна ракиичка"). Џек Лондон направи храбра книга, една од најзначајните во светската историја **за зависностите и за страдањата од алкохолот**. Со силата на својата волја и самоучење, Лондон од неуко бедно младо момче се воздигна до најпознат писател и новинар. Имал и голема физичка и духовна сила. Согледувајќи ја својата зависност од алкохолот, во 1913 година напиша *автобиографска* книга, во која опишува како, иако телесно силен, без наследни зависности, и покрај тоа што не го сакал **алкохолот**, станал негов *роб* - што само по неколку години млад ќе го доведе до смрт. Во оваа маестрална етичка книга Џек Лондон алкохолот го смета за едно од последните **варварства** од минатото, вели какви што беа и гонењето и спалувањето на вештерките и верската нетрпеливост:

вМислев дека си пријател на Џон Барликорн, - рече жена ми. - Сум. Бев. Не сум. Никогаш не сум бил. Јас никогаш не сум негов пријател помалку отколку тогаш кога тој е покрај нене и кога се чини дека сум му најголем пријател... Тој е во сојуз со Смртта. Тој дава јасна визија и матни сништа. Тој е непријател на животот и учител на мудроста вон од животната визија. Тој е крвав убиец, тој ја убива младоставв, така Лондон ја претставува контроверзноста на алкохолот, за кого мислат дека носи уживање, а тој води кон губење на свеста и кон пропаѓање.

Лондон објасни дека не бил наследно оптоварен алкохоличар, не бил роден со никаква органска, хемиска потреба за алкохол. Сето семејство му е нормално во тој поглед. Тој **се здобил со желбата за алкохол**, иако со тешка maka; алкохолот му бил одвратен, а ни потоа не го сакал неговиот вкус. Пиел заради дејството на алкохолот, кој овозможува дружење, високи дискусии, банчење, перчење пред другите, трошење, натпреварување во измислената издржливост и тепачки. Вели дека за дваесет години го присилил организмот во длабината на своето срце и душа да ја предизвика желбата за алкохол.

вМојот пријател и брат Алкохол води во смрт... Болеста на душата, болеста на животот се казна со која човекот мора да го плати своето пријателство до Џон Барликорн... Тој **ги менува сите вредности**. Доброто е зло, вистината е измама, а животот е шега. Од височината на своето тивко лудило... тој на целиот живот гледа како на нешто зло. Во јасната бела светлина на неговата логика, жените, децата, пријателите се покажуваат како лага и измамав.

Лондон вели дека луѓето не пијат заради дејството што алкохолот го има врз нивното тело. Тие пијат заради неговото дејство врз мозокот. И етички посочува: в**Алкохолот го сопира моралот**. Нечесноста што човек никогаш нема да ја направи додека е трезен, ќе ја прави сосема лесно кога не е трезен. Всушност, тој само тоа и може да го стори, бидејќи *заповедите* на Братот Алкохол се креваат како ѕид помеѓу непосредните желби и одамна научените морални правилав.

Во оваа единствена светска книга, која служи за подучување за моралот, Лондон посебно говори за **злото што алкохолот го прави врз младите**: вЏон Барликорн ги избира токму добрите момчиња - оние во кои има оган и енергија, во кои има величие, и топлина, и најдобри човечки слабости. Тој го задушува нивниот пламен, ја поткопува нивната енергија, а ако веднаш не ги убие или од нив не направи лудаци, создава грубијани и простаци, ја унакажува и изобличува

нивната првична добрина и благородноста на нивната природа... Кога од патот би бил иставен тој наш Пријател и Брат Алкохол, тие добри луѓе, наместо да пропаѓаат, и натаму би раѓале и создавале големи дела#. Џек Лондон и јавно се борел за забрана на алкохолот, како начин за да се одбранат луѓето и младите од опасноста.

Ова е прилика да укажеме на еден специјален феномен - дека денес луѓето лесно и масовно стануваат **жртви на зависностите**. До модерните времиња многу луѓе беа општи зависници како робови и крепосници или поданици во автократските општества и не можеа да решаваат слободно за своите животи, намери, чекори, постапки - а во современото проблемот на зависностите е мошне сериозен, бидејќи сега луѓето, за кои се претпоставува дека се слободни, самите се заробуваат со приклонување кон страсти и дејства кои ги водат во поробеност. Зависноста е состојба на **незапирлива** потреба од нешто, кон кое човекот тежнее со сета душа и ги прави сите можни дејства тоа да си го задоволи, од субјект кој го води својот живот станува објект, предмет на некоја надворешна сила, која ги раководи неговите мисли и дејства или кон која тој подредува многу нешта или сé. Тоа е **етички пресвртена позиција**. Зависноста значи **несамостојност**, обусловеност не од себе а од нешто друго. Зависностите се големи предизвикувачи на **ненормалноста**. Тие создаваат опсесија, го нарушуваат здравјето на личноста, обврзно психичкото, а директно (или последично) и телесното. Кај зависната личност страда нејзиниот морал, секако ѝ се заробува нејзината волја, а личноста е оневозможена слободно да одлучува. Нејзините животни и дејствени решенија се подредени само на задоволувањето на страста, зависниците не мислат на другите, па ни на самите себе. Зависната личност нема однесување на зрела и одговорна единка, таа ги запоставува и отфрла своите останати обврски и желби, планира главно акции за задоволување на зависничката страст и дејствува само за да си ја исполни. Со текот на времето зависностите почнуваат да владеат со личноста, најчесто пречејќи ѝ во сите нејзини дејства, намалувајќи и дотолчувајќи ги нејзините други амбиции - таа личност станува само *извршувач на зависноста*.

Бидејќи зависностите се еден од најголемите проблеми на сегашнината, како и на иднината на човештвото, го изложуваме нашето *аналитичко* испитување и нивната целосна номенклатура како нужен факт во една етичка книга:

**Зависноста од личноста е тешка форма** на зависноста, со неколку видови: **Личната зависност** се однесува на незрелоста, недораснатоста на личноста, која има потреба од заштита од некој надреден, чии стремежи ги остварува. Во **зависноста во љубовта** се губи својот идентитет наспроти другата личност во љубовниот однос или наспроти самиот акт на љубовта (а зависнички и неетички се и формите - промискуитет, страст за порнографија, педофилија, садизам и мазохизам). **Социјалната зависност** значи целосно себеподредување на другите личности со надреден статус во општеството - раководител, господар, газда, а формите на зависноста се: **покорност** - кога личноста без бунт ги поднесува сите социјални околности на својата егзистенција; **патронство** - кога се изразува восхит кон раководителот, кој му станува неприкосновен водач (газда, патрон); **слугување** - кога личноста непрестајно и без огради работи за некого; **полтронство** - кога пред надредениот наполно се свиткува достоинството; **кодошење** - кога личноста се претвора во верен доушник за надредените, и сл. **Политичката зависност** е подредување на личноста на формите на политичката дејност и организација, како што се: **идеологизираност** - слепа приврзаност кон некои политички идеи, без дистанца кон нивната содржина и цели;

**политизираност** - голем ангажман да се дејствува за реализирање на некоја политичка програма или задача; **идолатрија на водачот** - апсолутна доверба и покорност кон политичкиот водач, негово следење без условување и критичност; **волја за моќ** - страст за поседување на власт, политичка моќ. **Културната зависност** е подредување на личноста на некое творештво или творец и однесување според нивните обрасци (*копирање*). Посебна форма е подложеноста на **пропагандата и рекламите**, со кои во свеста се всадува неизбежноста за правење нешто или за (радосно) купување на некој производ.

**Зависностите кон поседување, кон дејствување и фанатизмите** се мошне раширени. Психолошкиот израз **манија** укажува на страсната предаденост и врзаност за нешто, блокирање на свеста за слободно однесување. Има разни мании - за **поседување** (на пари, злато, земја, имот), или за присобирање и чување на разни предмети - **колекционерство** или **фетишизам**, или за самата функција на **придобивањ**е (која се реализира по секоја цена, без обсири, со страст за измами, дури и за злосторство...), или за **извршување** на својата функција - како **апсолутно предавање кон дејствувањето** и негово воздигнување до највиш акт и смисла (воркохолизам, џогингоманија и сл.). Денес, особено кај младите, се јавува **зависност кон компјутерите и електронските игри**, како страсно, повеќечасовно (внепрекинатог) седење пред компјутерот, предаденост кон меѓународните врски (Интернет) и уживање во особените игри или во комуникациите во социјалните мрежи. Сличен е **фанатизмот**, заслепено, невоздржано, апсолутно, докрајно застапување на некои идеи, учења, вредности, цели или задачи. Една од најстрашните зависности е страста за **коцкање**, која ги уништува и зависникот и неговите блиски, како и нивната иднина. Ваквите зависности (па и сите зависности) најчесто се измешани и кај зависната личност дејствуваат со заедничкиот негативен набој, насочување и последици.

Зависностите од **поттикнувачките агенси** станаа најраширен, најздогледлив и (можеби) најпроблематичен вид зависности во современиот свет. Такви се страста по дрогата, алкохолот, тутунот, храната, лековите и сличните посакувања. Иако храната е услов за животот и е неопходна за опстанокот, **зависноста од храна** е форма на деградација на човековата виталност, бидејќи вистинските човекови потреби од храна се константни и ограничени. Раширените зависности од слатко и од мрсно се извори на многу болести. Два морално значајни видови однесување се: земање премалку храна и слабеење - *анорексија*, и претерано јадење и дебелеење - *булимија*. **Зависноста од лекови** е желба постојано или периодично, но често, да се земаат одредени лекови или супстанции, за кои се верува дека ѝ помагаат на личноста или ѝ се потребни за да не се почувствува лишена од нешто (стравот или неугодноста од лишување е израз на зависноста). За **алкохолизмот** зборуваше Џек Лондон, а предизвикува оддалечување од реалноста, заборавање, илузија на големина и на нереална слобода, пропаѓање на личноста и особено негативно влијание врз семејството и децата. **Пушењето** е една од најраширените зависности, како подложеност на **никотинот**, кој бара од организмот негово редовно конзумирање (како и сите други зависности, пушењето ги повредува и луѓето околу зависникот). Слична е страста (но со помалку социјални последици) за претерано пиење кафе, што ја содржи зависничката супстанција **кофеин**. Најопасната ваква форма на зависноста е **дрогирањето**. НАРКОМАНИЈАТА треба посебно да се истакнува заради нејзиното **исклучително силно негативно делување врз психата и здравјето на личноста**, како и заради неизбежното **уништување на нејзиниот морал** и **водење кон деградација и смрт** (нејзината прва зависничка форма е

токму моралната, уште пред психичката и телесната). Сите форми на зависноста се посебен тежок етички проблем (за нив пишуваме во сите учебници и книги).

**Етички мисли на Џек Лондон**

"Во литературата има место само за најдоброто што човек може да го даде."

"Во моите ставови јас се служев со еден многу едноставен критериум: тоа што помага за повеќе живот, за физичко и духовно здравје - тоа е *добро*; она што носи помалку живот, што го повредува, уништува и го изопачува животот - тоа е *зло*. "

"Јас сум идеалист кој верува во реалноста, и затоа, кога пишувам, се трудам секогаш да бидам реалист, да ги држам и читателите и себеси цврсто на земјата, така што колку-годе високо да ни се креваат мечтите, тие да не загубат допир со реалноста."

"(купувал и носел голем број книги) Можеби не ќе можам да ги прочитам сите книги, но тие ми се на располагање; јас не знам на каков непознат брег ќе излезам кога ќе пливам по светот на сознанието."

# 83. Мухамед Икбал
## САМО ДОБРОТО СРЦЕ САКА



Етичарите се често просветители и водители на своите народи, ги учат на добрина и им препорачуваат најдобри норми. Ако станува збор за големите цивилизации, тогаш не мора да бараат сосема нови животни и морални решенија, може да се потпираат врз традицијата. Сепак, **класичните вредности ги користат за осовременување на живеењето**, бидејќи етиката е и наука за човечките иновации. Еден таков етичар остави големи траги во современата епоха. Тоа е пакистанскиот мислител Мухамед Икбал.

**Мухамед Икбал** е роден во 1877 година во Пенџаб. Татко му Нур бил мистик-суфи, свет човек. Сонувал дека силна птица летала ниско над луѓето, но никој не можел да ја дофати, а таа слетала кај него - тоа го толкувал како порака од Бога дека син му ќе биде велика личност. Таткото сакал син му да го наследи во занаетот, но големата личност на индиското муслиманство **Мавлави Мир Хасан** го посоветувал да го даде на учење. Од локалното училиште Икбал стигнал до студии по философија во Лахоре кај прочуениот англиски педагог **Томас Арнолд**, еден од творците на системот на модерното образование. За да се запознае со западната мисла престојувал во Кембриџ, каде ментор му бил **Џон Елис Мектагарт** (1866-1925). Потоа во Минхен станал доктор по философија. Оваа личност со голема култура и достоинство сакала да се оддолжи со тоа што Запад ќе го запознае со придонесот на иранската мислата. Книгата "Развитокот на метафизиката во Персија" ја посветил на учителот Арнолд, а кога сакале да го прогласат за рицар (*сер*), рекол дека е подобро титулата да му ја дадат на Мир Хасан, неговиот прв духовен образец.

Како поет, правник, философ и етичар Икбал пишувал на англиски, персиски и на урду јазикот. Со збирките "Тајните на сопството", "Мистериите на моето постоење", "Порака на Истокот" и "Книга на вечноста" тој е **еден од најзначајните современи мистички поети**. Пишувал страсно, со разбирање за човечките проблеми. Бил противник на поезијата "одделена од животот". Напишал едно од најинтересните светски поетско-етички дела "Гавид Нама", во кое **раскажува за средбите на другиот свет со душите на умрените кои врз човештвото влијаеле со своето добро или зло**. Книгата "Возобновувањето на верската мисла во исламот" е едно од најпопуларните денешни светски исламски дела. Неговите идеи се незаобиколиви за да се разбере современото движење и ревитализација на исламската вера и мисла, за што етиката има бележито место.

Икбал бил претседател на Муслиманската лига, движење востановено во Индија за унапредување на политичките стремежи на тамошните муслимани. Бил **прочуен** во светот како поет и мислител. Умрел во 1938 година, оставајќи големи духовни и етички траги. Неговите идеи влијаеја врз формирањето на новата држава Пакистан (1947).

Овој творечки гениј сакал да направи креативна *синтеза* на Истокот и Западот. Бил уверен дека Исток има што да им понуди на универзалниот ум и етика на човештвото. Мечтаел за **универзално братство на луѓето**. Како млад, предлагал да се градат заеднички храмови низ Индија за сите луѓе, кои ќе помогнат различните народи, со многу социјални поделби, кои имаат најразлични вери, да се обединат во единствена нација. Верувал дека заедничката молитва може да ги спои луѓето.

Својата духовна активност ја сконцентрирал врз поезијата. Велел дека вистината без емоции станува философија, а кога чувствата ја раздвижуваат мислата, тоа е поезија. Тој го прифаќал ставот на *Џелалудин Руми* дека музиката овозможува сознание на Највишата Реалност, но истакнувал дека човечките души сакаат да разговараат, а за тоа е потребен јазикот, па врв на човечкото творештво за луѓето е поезијата. Тој главно се изразувал поетски. *Негова стихотворба* е пеена на закопот на убиениот Махатма Ганди, творецот на Нова Индија.

Икбал бил под влијание на *Анри Бергсон*, како и на класичната исламска философија. За основна карактеристика на реалноста го сметал времето; таа е траење. Темелот на реалноста е духот. И тој, како големиот турски мистик, поет и етичар Руми, верувал дека постојат многу ситни “јас“, од кои се состои животот. Бог или "Космичкото Јас“ е Творец кој создал многу “јас“. Овие се творечка можност на различни нивоа на свеста (но не се автоматски индивидуи, треба да се реализираат како такви). За Икбал светот не е вечно предопределен (со што се противстави на концепцијата за неменлива судбина). **Сé во светот е творештво**. Следствено, Универзумот не е завршен, него не го напуштила раката на Творецот и тој не лежи во просторот како неподвижна маса, како ништо. Тоа е предизвик за човечкото живеење и творење. Животот е непрекината активност. Икбал оптимистички говори дека пред нас има уште безброј зафати и голема иднина.

Сепак, имал и песимистичка фаза. Пред Првата светска војна во Европа бил потресен од еднострaниот материјален прогрес на Западот како неетичен и недуховен. А за религиозноста на Истокот сметал дека нема животна сила. Тој даде решение - царството на духот треба одново да ги открие и освои и Исток и Запад. Излезот за својот народ не го виде во агресивниот национализам од западен вид, зашто со тоа би се отфрлил исламот како универзална религија, чија цел е единство на целиот свет. За Икбал тоа би било упадок и трагедија. А шанса нема ни во некритичкото прифаќање на западните ставови, бидејќи таму има многу негативности (судир на класите, експлоатација, шовинизам претставен како патриотизам, и сл). Икбала го болело што догматизмот ја изопачил религијата, која за него е универзално средство за обединување на луѓето, додека национализмот, инспириран од територијални апетити или од расна омраза, го растурил човештвото на непријателски и агресивни групи. За својата позиција Икбал вели: “Мојата цел е да трагам по еден подобар општествен систем и на светот да му изложам општоприфатлив идеал (на живеењето и на дејствувањето)“. Централно е да се урнат сите “вештачки и кобни разлики што се прават врз основа на кастата, верата, бојата на кожата и економската положба“.

Самиот Икбал бил искрен и длабок верник. Верата е основа за неговите метафизички и етички ставови. Тој пее за значењето на **верата како базичен етички елемент за човекот**: "Верата му дава на човекот сила..., верата е опиеност со Бог, давање на себе. Слушај ти, бедни подражавателу на модерната цивилизација, немањето вера е полошо од ропството". Во етичките погледи ги вградувал блескавите принципи и вредности на исламот. Верата Икбал ја сметал за **животно искуство**. Таа е поважна за животот отколку филозофијата, таа понудува општи вистини кои влијаат врз карактерот доколку се прифатат искрено. Но човекот како рационално суштество не е задоволен со верата ако таа не е во согласност со разумот.

Човековите три сознајни сили: сетилна перцепција, ум и интуиција, се само различни форми на разбирање на истата реалност. Но човечкиот ум не се исцрпува со индуктивното и со дедуктивното сознание. Во своето натамошно движење мислата може да го достигне Бесконечното, наспроти што спротивните конечни поими се само моменти: "Според својата вистинска природа, мислата не е статична; таа е динамична и ја покажува својата внатрешна бесконечност во времето, како зрното, коешто од почетокот во себе ја носи, како егзистентен факт, органската целина на стеблото". Затоа за Икбал е најважно **срцето**, јадрото на човечкото сознание. Станува збор за интуиција, *согледба*. Срцето нас нé доведува во врска со аспектите на реалноста кои се различни од оние кои им се достапни на сетилноста или на разбирањето.

Икбал вака поетски говори за односот помеѓу умот и срцето: "Еднаш Умот му рекол на Срцето: Јас ги водам оние што го загубиле патот. Иако дејствувам на земјата, јас го мерам и проценувам она што е на небото... Мојата мисија е да водам... Пишувам коментар за Книгата на Животот и ја прикажувам силата на Љубовта... Јас толку светам што ми завидуваат бесцените камења... Срцето одговорило: Не ги негирам твоите зборови, но погледни ме подобро! Со мислата проникнуваш во тајната на постоењето, но јас директно го гледам она што го сознаваш. Зар непосредната согледба не открива повеќе од сознавањето? Ти си само во потрага по Бога, а јас Него Го откривам. Моето знаење е знаење од реалноста, а ти имаш само знаење за неа. Твоето знаење завршува со неспокојство - а за таа болест јас сум вистински лекар. Ти само го осветлуваш тремот на вистината, јас сум светлина на Вечната Убавина. Ти удираш со крилјата како фатена птица по крлетката на просторот и на времето, а мојот лет во вечноста е слободен и неограничен."

За Икбал Бог е основната сила на сето постоење. Во Божјата природа е вечно да твори; светот не му е противставен на Бога како негова другост. Бог е носител на разумот, на љубовта и на праведноста. Икбал го сфаќа Бога како дарител на слободата на човечките личности, кои треба да учествуваат во Неговата творечка активност, зашто животот е постојано возобновување на бесконечните можности на егзистенцијата. Затоа секое **јакнење и развиток на животот треба да се ценат**, а секое осиромашување и негирање треба да се отфрлат (што е една од базичните етички вредности на исламот). Кај Икбал идеалот и животот се поврзани, како конечното и бесконечното. "Идеалното не се изразува со целосниот раскин со реалното..., туку со постојаниот напор да се приспособи реалното, за конечно да биде апсорбирано, да се претвори во идеалното и да ја осветли својата сушност". Икбал мисли универзалистички: небото ја опфаќа земјата, интуицијата и верата се измирени со универзалниот ум, науката не е во спротивност со религијата, бесконечното го вдахновува и формира конечното.

Икбал има оригинални сознанија за проблемот на доброто и злото во светот. Болката се јавува не само кај лошите дела, туку и кај обидите да се направи добро. Тој не се согласува со тоа дека овој свет е најдобар од сите можни светови (како што велел Лајбниц), но ниту со тоа дека е лош, дека во него владее злото, дека не може да се поправи и дека треба да престане да постои (Шопенхауер). Бог "во своите раце има само добро". Божјата добрина се изразува со фактот што постојат сили кои можат да го надвладеат злото. **Целта е да се победи злото**. Ниедно зло не е апсолутно - животната сила може злото да го претвори во добро. А карактерот на луѓето може да се развие само со борбата против злото. Нема живот без болки и без зло. Но моралниот и духовниот развиток претставуваат појава на доброто. Тие може да се постигнат само со напор. Икбал верува дека човекот може да помогне во подобрувањето на светот и на животот. За тоа се потребни чисто срце и лична добрина, **љубов**, а оваа може да се јави само кај оној кој има **добро срце**. Икбал го идентифицира творечкиот нагон на животот со љубовта, која владее со сите.

Според Икбал, наградата за доброто живеење не е блаженство во рајот, туку виш живот со повисоки реалности и со поголеми моќи. Сепак и на тоа ниво одново се јавуваат отпори, страдањето е вечен придружник на животот, кој не престанува на ниедно ниво. **Секоја цел е појдовна точка за нов зафат**. Во врска со митолошкиот пат на човекот, според Икбал постоел рај, но човекот го оставил рајот зад себе, зашто тргнал кон самосвест, па затоа пред него секогаш има рај што го очекува. За тоа човекот ќе ги развива своите натамошни можности во разните сфери. Меѓутоа, треба да се знае дека на секое ниво станува збор повеќе за стремеж одошто за исполнување. "Бесмртноста е наше вложување до крај", животот е постојано возобновување на бесконечните можности на постоењето. За Икбал нема статички апсолут, тој не сонува за мирување ниту за достигање на фаза на мирување.

Икбал е автор со голем стил, модерен творец, кој **творечкиот нагон на животот го идентификува со љубовта**. Како и големите профети и светци, ни тој не прифаќал идеи и верување од втора рака: тргнал со сопственото искуство. Идеите на Мухамед Икбал, особено неговите етички визии и препораки, се една од инспирациите за современото создавање на Универзалната етика на човештвото, со етички придонеси од сите народи и најголеми мислители.

Такав придонес во најсовремената ера посебно даде турскиот религиозен и етички писател **Фетулах Ѓулен** (имаме посебен текст за него), кој е највлијателниот денешен исламски мислител на верската толеранција, меѓукултурниот и меѓуверскиот дијалог и на изградбата на единството на светот и напредувањето на младите.

**Етички мисли од Мухамед Икбал**

"Мистичниот допир на идеалот го оживува и поддржува реалното."

"Животот непрестајно создава нови слики и тој не е создаден да има единствена форма. Затоа, ако твоето "денес" личи на твоето "вчера", во твојата природа нема ниедна искра живот."

"Во една лоша душа никогаш не се раѓа љубов."

"Подобро е да се умре непознат одошто обесчестен."

# 84. Павао Вук-Павловиќ
## ЉУБОВ И ТВОРЕЊЕ



Некои етичари се посебно важни за нас, зашто **идеите ги развивале и ги ширеле во нашата средина**. Нивниот углед е уште поголем ако станува збор за мислители и дела кои се светски релевантни, кои ги изразуваат најмодерните тенденции на епохата, а нивните етички поуки имаат пошироко и потрајно значење, се однесуваат на најголемите современи проблеми и дилеми и можат да се применат во разните области од животот. Таков етички мислител од светски карактер, оригинален творец, доблесен професор, автентичен философ беше Павао Вук-Павловиќ, професор на скопскиот Универзитет.

**Павао Вук-Павловиќ** е роден во 1894 година. Уште како малечок се прославил со пишување драма за Божиќ, која била изведена во Хрватскиот народен театар. Како момче превел многу дела на тогаш модерниот индиски писател *Рабиндранат Тагоре*. Отишол да студира философија, т.е. естетика, во најпознатата естетичка школа во тоа време, каде пред тоа е востановена првата научна психолошка школа - Универзитетот во Лајпциг, кај професорот **Јохан Фолкелт** (1848-1930), кој ја развивал теоријата на *вчувствувањето* (тоа сега е познато како *емпатија*, кој се разви во главен етички метод на денешницата). За време на Првата светска војна Вук-Павловиќ пишувал **пацифистички** дела. Докторирал во Загреб по војната. Бил во Берлин на постдокторско истражување на современата социологија и, посебно, на естетичкото образование. Станал член на Академијата на науките и познат професор на загрепскиот Универзитет. Објавил книга за сознанието и за устројството на реалноста, која била прва тула во градбата на еден **оригинален философски систем**. Подоцна ги напишал останатите делови, со кои во ист дух се развивани мислите за историјата, традицијата, културата, творештвото, верата, начелата на социјалниот живот, политиката и за другите научни области. Особено се интересирал за прашањата на *образованието*. Со делото “Личноста и воспитувањето“ (1932) станал **прв современ философ на педагогијата во Југоисточна Европа**.

За време на Втората светска војна бил прогонуван од фашистите, бидејќи се заложувал за слобода на личноста, на духот и на народите. По војната го прогонија новите догматици. Го избришаа и од составот на Академијата на науките. Сепак, во 1958 година му дозволија од пензијата да дојде во Скопје и тука да предава Етика и Естетика, почнувајќи од својата 64 до 77 година од животот. Во Македонија ја најде својата *втора татковина*, како што самиот изјави (на скопскиот Универзитет му ја подари својата голема, единствена библиотека од философски дела). Даде многу, предаваше со невиден жар и

фантастичен стил, пишуваше прекрасни статии со светско значење, кои првин ги објавуваше во македонските списанија, како што се автентичната плуралистичка студија “Философиите и световите“ и исклучителниот есеј “Уметноста и музејската естетика“. Ја создаде *Естетичката лабораторија*, која го донесе духот на оригиналност и отвореност на *новата естетика*, како една од главните науки на новото време. Инсистираше да ја истражуваме својата духовна традиција, што го нарече **Скопска философска школа** (направени се мнозина академски трудови, магистерски и докторски дисертации, со таква орентација).

Павле Вук-Павловиќ се здоби кај нас со многу пријатели, другари научници, почитувачи. Многумина во Македонија се нарекуваат *негови ученици*, ги истражуваат неговите идеи и пишуваат трудови за него, или трудови инспирирани од неговите погледи и од идеите во Естетичката лабораторија, која од 1975 до 1994 година (кога ја водев јас) разви автентична културна и педагошка дејност со примена на уметничките дела и естетичките идеи во педагошката акција, во развитокот на културата и во подемот и истражувањето на етичките погледи (Отворен театарски универзитет, Театарска работилница на Филозофскиот факултет, попозната како “Зелена гуска“, Млад отворен театар, Денови на културата на младите творци, Скопско културно лето, едиција “Естетичка лабораторија“ на Метафорум-Епоха, посветена на Вук-Павловиќ, во која се објавени десеттина естетички трудови, а започна со првиот избор од неговите трудови на македонски јазик "Творештвото и музејската естетика", 1984, итн.).

Во Скопје во 1964 година Вук-Павловиќ објави две стихозбирки философски сонети, во кои зборува за најдлабоките прашања на **човечката егзистенција**. Во “Повик“ ги опишува негативните искуства на нечовештината во модерната епоха и укажува на **должноста на човекот да го следи повикот на етичноста, почитта и љубовта кон другите луѓе**. Тоа е мисија. Втората книга “Урнатини“, со поднаслов Скопски сонети, е инспирирана од земјотресот во Скопје. Големите загуби и болки ги поттикнаа луѓето да размислуваат за судбината и за животните неизвесности, но и да го осмислат своето постоење и да вложат напори за извршување на својата човечка задача и дело (книгава ја преведов и објавив како самиздат по повод 50-годишнината од Земјотресот, 2013). Во Загреб, пред да почине во 1976 година, Вук-Павловиќ ја пушти во печат книгата “Душевноста и уметноста“, посветена на прашањата на естетиката, заради кои и започна да ја студира философијата.

Угледот на Вук-Павловиќ расте, напоредно со слободните согледувања на нашата философска традиција. Идеите на овој хрватски и македонски философ се истражуваат и во Хрватска и во Македонија, се објавуваат неговите дела, се пишуваат дисертации и книги за неговите погледи. Реалноста на влијанието е сега уште поголема отколку порано. Неговиот ученик, прочуениот истражувач на индиската и азиската философија **Чедомил Вељачиќ** (будистот Нањаѓиवако), во капиталното дело “Крстопатите на азиските философии“, споредувајќи ги источните и западните мислители, идеите на Вук-Павловиќ ги приведува како еднакво значајни со Кантовите. Сега во Загреб се објавуваат собраните дела на професорот, а, покрај разни дисертации во кои се говори за неговите идеи, докторски труд за практичната философија-етика на Вук-Павловиќ направи неговиот студент Радомир Виденовиќ, професор на нишкиот Философски факултет.

Што во етиката учеше Вук-Павловиќ? Едноставно тоа дека **човекот треба да биде човек**, дека е **одговорен за своите постапки**, дека **треба да го чува живото** и **да живее и твори со љубов**. Ова се едноставни нешта, често

приведувани во етиката, но уште има недоволно сознание, дури и многу отпори за нивното интимно прифаќање во човековиот дух и за решително спроведување во моралот.

За Вук-Павловиќ **филозофијата е секогаш етички акт**. Смислата на откривањето на светот и на стремежот кон мудроста тој ја согледуваше според вредноста на човечкото постоење. Филозофијата е спој на сите духовни настојувања. Нивната конечност се етичките сознанија, кои човека го насочуваат како да дејствува. Уште понатаму е *педагогијата*, крајната смисла на човечката егзистенција, која се стреми на најдобар начин да ги подготви идните луѓе за нивниот слободен и одговорен живот.

За Вук-Павловиќ животот не е одење по нејасен и неопределен пат, без надеж, без човечност. Човекот се стреми да ја пронајде смислата на животот, а со тоа да го осмисли творештвото, како срцевина на човечкото суштество. Човекот страда, но секогаш одново наоѓа сили да создава, да **живее според вредноста**. Затоа не може да ја избегне филозофијата, некако ќе дојде до неа, зашто таа е пат на наоѓање на самиот себе и на сознавањето на својата положба и задачи во светот. Станува збор за тоа дали човечките намери и знаења ќе му бидат пречка на животот или негов благослов.

Човекот е дел од заедница, тој со природни врски е сврзан со другите луѓе. Тој не би можел да егзистира, ниту да ја почувствува својата засебност, ако во него не би живеело чувството и реалноста на Ние, како заднина од која се одразува, но и од која се освестува неговото Јас. Тој **може да се очовечи само живеејќи со луѓето**, каде што во меѓузависноста и заедничкото дејствување тој нив ги осознава како суштества обдарени со душевност и како свои партнери во моралното дејствување. “Опстанокот земски не е ни добар ни зол. Тој ќе биде таков каков што човекот со ближните го создава.“

Задачата на добриот живот и постапување, како реализација на вредностите, е да се се пројави **љубовта**, како *највисока доживелица и мера на човечноста*. За Вук-Павловиќ слободата и љубовта се сестри. Каква би била слободата ако не е водена од љубовта?, се прашува тој. Самата љубов кон иднината на човекот се реализира како педагошки нагон и практика.

Но, љубовта и добрината не се секогаш присутни во човечкиот живот. Има и навидумзаедници, божемски заедници, спротивни на вистинската човечка заедница. Има и луѓе кои само личат на луѓе и закана се за сé што е добро. Човеколиките ја прогласуваат лагата за вистина, ропството за слобода, ги отфрлаат етиката, убавината и човечкото достоинство. Тие имаат жед за моќ, манифестираат сила врз луѓето како да се обични предмети, постапуваат како животни, тие се ѕверови, за кои секое средство е добро за да ја постигнат својата негативна цел. Следната стапка на оваа **етичка антропологија** се оние кои малку се цивилизирани и знаат разни нешта, но ова го користат како идоли - на пример, наместо науката и машините да даваат добро за луѓето, тие стануваат извор на злото и страдањето. Оваа состојба Вук-Павловиќ ја означува како глумење на добродетелта и цутење на порокот. Таквите личности целат да го освојат светот, слободата на браќата да ја стават под своја власт, да го негираат човечкиот труд. Се фали бедотијата. Резултат е, човекот е отуѓен сам од себе си.

Следната стапка е освестувањето и стремеж кон добрината, но немарно, недоволно одговорно и малку настојчиво. Само на четвртиот степен се вистинските луѓе, кои **љубат и творат за доброто на другиот**, кај кои **животната цел и доброто дело се поврзани и меѓусебно условени**. Смислата на човечкиот живот е да се гради врз љубовта, врз добрината како етичка вредност и врз надежта - наспроти омразата, злобата и очајот. **Љубовта е конечна тајна на**

**животот и суштина на човечкото постоење**: “Љубовта му ја определува мерата на секое суштество“.

Според Вук-Павловиќ, вредностите вистински се остваруваат таму каде што човекот повеќе ги сака светот и животот отколку себе. Таму дејствува единствениот човечки закон од највишата вредносна скала, “**законот над законите - законот на моралноста**“. Оттука извира и значењето на човековата *одговорност*, за која нема граници, бидејќи е суштество со разум, душа и творечки капацитети. Одговорноста на човекот дури не престанува со неговиот овоземски живот, туку тој како историско суштество е одговорен и за идните поколенија. Затоа не може да биде сеедно како живеат поединецот и народот, какви вредности остваруваат и како нив ги реализираат, каков свет градат со својот живот.

**Етичката свест ги врзува сите луѓе во космичка врска**. Она што човекот го живее и доживува како наследство од минатото, и што во свесната сегашнина му е белег на неговата човештина, тоа го потсетува да се послужи со слободата за да реализира вредности сообразени со човештината и со неговото достоинство. Со тоа тој духовно проникнува во најширокиот распон на постоењето, со тоа се *вивнува* до разбирањето на космичката поврзаност и обврзност, а со тоа до љубов кон сето живо воопшто и кон сето човештво. Таа љубов го води до крајните височини на живеењето. Вук-Павловиќ етички предупредува: “Секое твое дело е средба со сета вселена; не биди тогаш закана за хармонијата на светот: пред вечноста си одговорен за сé!“ Тој му укажува на човекот да се свести, не е доцна за тоа. А на тој пат, му порачува, “за дејствувањето најди вистинска мера, за насоката на животот вистинска вера“.

**Добрината е задача на личноста**: “Најсебично..., заради себе биди добар!“ За Вук-Павловиќ (со ренесансна визија) и скромниот човек е убав, зашто ликот му е одраз на добрината. Вистинската човекова цел е лична реконструкција и етичко воздигнување: “Ако сакаш да се здобиеш со блаженство, биди самиот од себе поголем“. И за философот тој ќе рече дека за него не е карактеристична способноста на мислење, философската мисија се реализира со скромноста и гордоста, но пред сé со моралната храброст. Посебно укажува, со класичен став, дека философијата и политиката не можат да се разберат, зашто целите и моралот им се различни.

Етичката цел поставена од Вук-Павловиќ гласи: “Насред злото ти **над злото крени се!** Едно се брани: **не го уништувај живото!** Едно е патот: **согледувај го човештвото во целина!** Едно е правдина: **љуби го светот и создавај!**“

Како поука на последниот час во професорската кариера, на скопскиот Философски факултет во 1971 година тој им рече на студентите: **Не уништувајте го живото и творете љубејќи!** Тие идеи денес ја водат светската етика кон креирање и заживување на универзалниот морал на човештвото.

### Етички мисли на Павао Вук-Павловиќ

**“Прогонетиот е секогаш подобар од гонителот!“**

“Од ден во ден се натрупува знаење и се откриваат многу скриени тајни, а сé помалку и помалку во срцата има благост на вистинскиот дух.“

“Среќата је тајна на добрите.“

*“Не значи ништо што човекот има; вреди само она што се дава!“*

“Секој своето семе го бере: лошиот зло, а добриот добро.“

# 85. Бертолт Брехт
## ОТВОРАЊЕ НА СЕТИЛАТА И УМОТ



Драмата е особено важна за моралот, бидејќи колку што ги изнесува моралните појави и етичките дилеми, толку ги учи луѓето како да се однесуваат ако животот ги постави пред слични прашања и предизвици. Од драмските писатели учи етика целото човештво - од Прометеј на **Ајсхил** (525-456 пред н.е.), од Антигона на **Софокле** (496-406 пред н.е.), од Хамлет и Кралот Лир на **Шекспир** (1564-1616), од Дон Жуан на **Молиер** (1622-1673), од Фауст на **Гете** (1749-1832)... Целината на трагедиите и комедиите може да ја претстави целата етика на човештвото. Најсилен, намерно **интониран реален етички став** има во современите драми на Бертолт Брехт. Неговата писателска страст е придружена со голема етичка сила, поука и порака.

Овој најзначаен драмски писател на нашата епоха, оригинален теоретичар на театарот и суптилен мислител за општеството, истовремено е и бележит етичар. Може да се смета дека неговото творештво влегува во **духовната основа на новата цивилизација**, зашто се застапува за модерност на мислата и на животната ориентација; за отворање на сетилата и на умот за хуманите и за контроверзните димензии на човекувањето; за социјална и етичка функција на философијата и на културата; за дигнитет на творецот и на творештвото. Овие функции, и тој самиот, се своевидни гласници на новата етичка изградба и практика, на ширењето на духот со секој современ човечки акт.

**Бертолт Брехт** е роден во 1898 година. Се интересирал за разни работи, од социјалните прашања и историјата до медицината и економијата. Почнал да пишува многу млад. Тој е еден од најплодните современи германски поети (со преку 1.300 песни и балади), автор на необични романи и раскази, веќе млад достигна светска театарска слава, за да стане и **најзначаен драмски писател на XX век** и творец на *автентична* современа театарска естетика, на единствен оригинален театарски систем (покрај оној поставен уште од *Аристотел*, 384-322 пред н.е.), кој е срцевина на новиот вид претставувачко творење во нашата ера. Бил пријател со исклучителните германски мислители - **Карл Корш** (1886-1961), **Ернст Блох** (1885-1977), **Валтер Бенјамин** (1892-1940) и со многу други, кои истргаа интелектуални конфликти и лични страдања од фашистичките непријатели. Како сите чесни и прогресивни творци, и Брехт емигрирал од нацистичка Германија, талкал низ светот, за по војната да се врати и во Берлин да го создаде “Берлинер Ансамбл“, кој стана најдобар светски театар на

времето, а за чија завеса *Пикасо* наслика гулаб на мирот. Умре во 1956 година и погребан е до познатите германски философи *Фихте* и *Хегел*.

Карактеристиките на Брехт се оригиналност и креативност, лична и творечка посебност и индивидуалност. Тој е еден од најособените творци на нашата епоха. Кај него силно проблеснуваат **модернизмот и активизмот** како базични принципи. Тој имал и амбиција да дава пример - поблиску е до духовната и животна педагогија одошто до контемплативноста на некој старински философ. Тоа е обичај во германската практика - најголемиот пруски крал Фридрих Велики, кога гладниот народ не сакал да почне да сее и да јаде компири, а тоа можело да биде излез од тешката ситуација, нарачал чинија со варени компири и почнал да ги лупи и јаде пред сите (па Германците денес се најпознати според своето трошење на компирите), како што и денес германските менаџери на најпознатите светски фирми може да го соблечат палтото, да ги завиткаат ракавите и знаат да работат на своите производи и да ги поправаат машините.

Брехт сакал творештвото да му биде поврзано со светот, бил особено заинтересиран за **унапредување на животот**. Се определил за *епиката* како раскажување на "слученото", а не за драматиката, како нешто "сценски условено". Создал *теорија на зачудноста*, на дистанцата (Verfremdung-efekt) како дел од животната и творечка цел да се отворат сетилата и да се афирмира умот наспроти чувствата; тој верувал дека **само умот може да го спаси заталканиот свет**. Таквото отворање кон светот, настаните и контроверзите во него, кон идеите и духовните противречности се духовна карактеристика и апел на Брехт. Престојувајќи во Данска по бегството од Хитлеровиот Рајх, една данска аматерска група го замолила најпознатиот драмски писател на епохата Брехт да ѝ помогне во работата. Овој напишал поема "Говор до данските актери-работници за уметноста на набљудувањето". За него, смислата на ангажманот на актерите денес не е да се покажат на сцената за да им ракоплескаат и сл., туку да го прикажуваат светот. Од актерите се бара светот "да го покажат онаков каков што е - создаден од луѓето, од луѓето променлив". Но, тие треба да ја научат вештината на набљудување на реалноста. Важно е **да се отворат сетилата и добро да се набљудуваат луѓето** - на работното место, во станот, во маалото, на улицата, во јавните сообраќајни средства, во дуќаните. "Луѓето треба таму да ги набљудувате. Странците небаре ви се познаници, познатите небаре се за вас странци..., а битките околу вас претставете си ги како историски настани". Вештината на набљудувањето на луѓето е гранка на вештината на однесувањето со луѓето, т.е. на етиката. На актерите Брехт им наменува да бидат истражувачи и учители на уметноста на дејствувањето со луѓето - познавајќи ја природата на луѓето и претставувајќи ја, да ги учат луѓето како да постапуваат со самите себе, да ги учат на "големата уметност на заедничкото живеење".

За Брехт **задачите на луѓето се социјални и прогресистички**. Вистински свртени/отворени кон својот живот, тие ја откриваат потребата тој да биде изменет, исто како и животот на сите. Сознаените закони на заедничкото живеење ќе им помогнат на луѓето да ги совладаат тешкотиите на сето човештво. Учењето и набљудувањето помагаат "искуствата да станат општо добро и правдината да стане страст" на луѓето. Решенијата на Брехт се практични. Во расправата "Пет тешкотии при пишување на вистината", во времињата на остра конфронтација помеѓу вистината и лагата, за него најважни вредности за оној кој сака да дојде до вистината се храброста, мудроста, способноста, расудувањето и итрината. Во кусите записи "Книга на промените", божемски создадени од старокинескиот философ Мо Ти, кој бил реалист,

рационалист и верувал во промените - како и самиот Брехт, овој дава духовити мисли и идеи за моралот, светот, политиката. На пример: “Мо Ти рече - Државата нема право некој човек трајно да го направи полицаец“.

Брехт ја сака вистината и ја смета за најсилно оружје на човекот, но покажува и силна **емпатија**. Тој е голем воведувач на *вчувствувањето* во социјалниот живот. Сочувството со понижените и навредените, со страдалниците, со нерамноправните, со жртвите на лошите околности, со оние кои немаат сила ни шанса дури ни за човекување - тоа не е едноставен хуманизам на културен човек, туку драматично изразување на еден радикален хуманист и револуционер. Во драмите и баладите Брехт зборува за множеството негативности кои го обременуваат светот и го прават тежок за живеење, нанесувајќи им неправда на луѓето. Животните правила и моралот се насочени наопаку, не водат кон унапредување на животот, туку кон негово назадување, ја оневозможуваат реализацијата на обичните човечки соништа и замисли, грижата за блиските, каква-годе позитивна реакција на животните предизвици. Затоа Брехт бара промена на таквиот живот во еден друг - кој на сите луѓе ќе им даде шанса да се изразат, да си создадат живеење според својата мера, да им биде добро, да живеат добро и да бидат задоволни. Брехт е **просветител** од стар ков - верува дека најпрвин луѓето треба да си го сменат односот кон светот, за светот да им припадне ним и да стане поинаков. За тоа е незаменлива улогата на *разумот*, како медиум на просветлувањето. Тој историски пресврт нема да го извршат херои, ниту масата како поддршка за налет, туку множество **секојдневни умни дела на рационални поединци**. Брехт е еден од најгорливите застапници на *рационализмот* во новата епоха. Тој смета дека е можен универзален колективен рационализам. За тоа многу ќе помогне уметноста, особено театарот. Тој го гради театарот (и литературата) како орудие на рационалистичката пресметка со старите, класичните решенија на човековата психологија, социологија, етика, економија и политика. Голем е творечкиот придонес на Брехт кон новата цивилизација од неговите бројни драми, од кои барем “Мајка Храброст“, “Кавкаскиот круг со креда“ и “Питачката опера“ имаат највисока вредност. Интересни и важни се и неговите социјални, естетички, философски и етички *идеи*, кои истовремено се и *заложби*, зашто кај него идејата сака да поттикне на дејствување.

Театарот е **морална уметноста** и ставовите на творците често се недвосмислено етички настојчиви. Кај Брехт делото повеќе ја изразува етичката ориентација отколку што е вообичаено во театарското творештво денес (иако сите историски врвови на театарот се обележани со етичко настроение и значење). Брехт верува во можноста да станат поарни односите помеѓу луѓето и да се подобрат постапките на луѓето. Тој оптимизам е сместен во своевидно милје од критички, иронични погледи врз современата и историската ситуација. Кај Брехт интелектуалниот потенцијал и ангажман се сконцентрирани во една точка - да се изврши **етичка револуција** како претпоставка на универзалната промена на човештвото.

Тој има величествен етички поглед, модерен, инспиративен, поучен за денешницата, во која има заостанати појави и нови неправди. Брехт е критичар на таквиот недостоен морал за претпоставениот развиен човек на современоста. Неговите пиеси “Баал“, “Мајка Храброст“, “Малограѓанска свадба“, “Питачка опера“ и други се идеални дела за соочување со алчноста, непринципиелноста, зависта, со моралната растроеност од секој вид, и тоа со беспоштедност која плени и понесува, во која идеалот на рационален прием на идеите се реализира и

преку етичката огорченост против безмилосните, насилниците, занесените по уништување, против деградираните во човештината.

Од Брехтова етичка активност, најуспешен и најважен е придонесот за една особена етичка проблематика на денешницата - **пацифизмот**. Неговата верба во можноста од мир и во потребата од него, како и личната жива борба за мир во конкретните услови на подготовката и изведувањето на најголемата и најстрашна војна во историјата и во ужасниот период на студената војна потоа - од Брехта направија корифеј на модерните мировни настојувања. Тој беше водител на пацифистичките идеи на времето и остана идеолог на мировноста денес. Неговата пиеса "Мајка Храброст" е најзначаен духовен пацифистички пледоаје на денешницата.

Така придонесот на Брехт е комплетиран со големината на **еден од најактивните етички мислители** и борци на нашата епоха. Ваквата силна и образложена етичка фундираност на погледите на Брехт го прават неговиот уметнички опус меѓу најзначајните во современието, а тој е мошне интересен и денес - во ерата на етиката, кога толку лесно отпаѓаат од репертоарите и комуникацијата многу дела и на најголемите мајстори. Трајна придобивка на светската култура ќе останат не само Брехтовата теорија за театарот и неговите драми, туку и неговото настојување за духовен развиток на новото човештво со отворање на сетилата и умот на човекот и со вчувствување во реалните проблеми на луѓето, како и неговото актуелно етичко настојување за Мир, за разбирање меѓу луѓето, за човештина, за храброст и добродетелност.

Естетичката лабораторија на Филозофскиот факултет во Скопје, кога под мое раководство работеше на културно и етичко воздигнување на младите со средствата на уметноста, го истакнуваше Бертолт Брехт како еден од своите *духовни извори*. Нејзиниот млад соработник д-р Сашко Насев, истовремено еден од најпознатите македонски драмски писатели, а и професор на Факултетот за драмски уметности, напиша магистратура за концепциите на Брехт и создаде книга за философските идеи на Брехт “Естетика епика“, која беше промовирана на 100-годишнината на овој голем писател и етичар.

**Етички мисли на Бертолт Брехт**

“Ве молам, не лутете се без образложение, зашто на секое суштество му треба помош од секого.“

“Не е судено војната еднаш засекогаш да престане.“

“Другите нека зборуваат за нивните срамоти, јас ќе зборувам за мојот срам.“

“На мојот ѕид стои јапонска маска на лошиот демон, од дрво, златно лакирана. Сочувствено ги гледам набрекнатите жили на вратот, кои покажуваат колку е напорно да се биде зол.“

“Ниедна облека нема толку џебови колку палтото на водачот.“

# 86. Ерих Фром

## ХУМАНИСТИЧКА ЕТИКА



И етичарите имаат свој научен и духовен развиток, како секој интелектуалец, автор и философ. Кај некои етичари ставовите проблеснуваат интуитивно, како непосредно согледување на вистината; на некои им се потребни долги проучувања и компарирања на разни погледи, за нивната автентична идеја да се појави како резултат на етичката специјализација; некои прифаќаат некоја определена теорија, која во соодност со поранешните учења или со позициите од други области ќе произведе нов етички склоп. А кај некои етичари влијание имаат настаните во светот, нивните животи и судбините на луѓето околу нив, нивните доживувања и емпатија, нивната храброст да не ги затвораат очите дури и ако самите страдаат, духовно или физички, туку се отворени за согледби, како што се готови своите сознанија да ги споделат со сите луѓе. Понекогаш сознанијата на етичарите се **шокантни** за целиот свет, ги исплашуваат луѓето со својата искреност и драматичност, но може и да ги **охрабруваат** да се замислат и да прифатат нови етички визии и норми. Најчесто ваквите етичари не остануваат незабележани, туку влегуваат во центарот на културата, нив ги читаат и цитираат, учат од нив, и студенти, и интелектуалци, и оние кои ќе почнат нивните учења да ги применуваат во животот, да постапуваат според поуките од инспиративниот мислител. Таков голем етичар и хуманист е Ерих Фром, чии учења се појавија повеќето по Втората светска војна, како поттик од бурните социјални, политички и морални процеси во светот. Тој со низа трудови ги потврди своите таленти и етичка ориентација.

**Ерих Фром** е роден на почетокот на XX век (1900) во Франкфурт, каде студирал психологија и социологија, докторирал философија во Хајделберг и специјализирал психоанализа во Берлин. Бил подготвен за продлабочени истражувања на современото општество и на сите човечки карактеристики и активности. Станал член (1928-1938) на **Франфуртската школа** (1923-1972), позната модерна научна организација на талентирани мислители, кои сакаа да современ начин да ги испитаат марксистичките поставки (Франц Нојман, Макс Хоркхајмер, Теодор Адорно, Херберт Маркузе, Јирген Хабемас и др.). Тој институт издаваше бележито "Списание за социјални истражувања" (1932-1965), а, под натисок од нацистите, се премести (1933-1950) во Швајцарија, а потем во Њујорк; во неговите рамки се создадени многу значајни дела на денешната мисла. Фром емигрирал од Германија (1932), бил професор во Мексико Сити и во САД (Јејл, Мичиген, Њујорк). Врз основа на широките познавања и инспириран од неколку големи мисловни правци (психоанализа, марксизам,

религија, егзистенцијализам) создаде продуктивна врска меѓу философијата и психологијата. Тој даде нов импулс за **хуманизмот**, стана **најзначаен светски етичар** во 1960-70-тите години, кога етиката уште не беше во центарот на модерната наука. Автор е на делата: "Догмата за Христосв (1931), вЗдраво оптштествог (1935), вБегство од слободатаг (1941), вЧовекот за себег (1947), вВештина на љубовтаг (1956), "Човечкото срцев (1964), вАнатомија на човечката деструктивностг (1973), вДа се има или да се бидег (1977) и др. Писател со убав стил, со голема љубов за човекот, сите книги му беа бестселери секаде во светот. Почина во 1980 година.

Најголемо влијание врз Фром извршија  Зигмунд Фројд и Карл Маркс. **Зигмунд Фројд** (1856-1939) во Виена создаде нова наука *психоанализа*. Општото инсистирање за науките важеше и за посебната наука за *душата* (*хел.* психе = душа), се бараше да биде егзактна; во првите *психолошки лаборатории* со експерименти се испитуваа психичките реакции, ставови и својства. Така започна **научната психологија**, која ќе забележи извонреден развиток во современата епоха. По тоа започнаа истражувањата на тн. *длабинска психологија*, нурнување во длабочините на човекот, вид интердисциплинарна медицинска и психолошка наука; се роди новата медицинска наука **психијатрија** и една интересна теорија и практика, исклучително значајна за разбирање на човекот, наречена **психоанализа**, чиј пат го трасираше нејзиниот најзначаен мислител виенскиот лекар Зигмунд Фројд. Таа претставува нова согледба на суштината и животот на човекот, голем придонес кон хуманистичките науки и философијата. Фројдовите трудови "Толкување на соништата" (1899), "Психопатологијата на секојдневниот живот" (1904), "Вовед во психоанализата" (1916-18) и др. спаѓаат меѓу најпознатите дела на современата култура и антропологија.

Фројд брзо доби следбеници, најчесто од странство; психоанализата од почетоците е интернационална наука. Основани се списание и Интернационално психоаналитичко здружение (1910). Фројд крајот од животот го дочека во Лондон, откако нацистите го изгонија од окупираната Австрија. Тој без престан ја развиваше својата теорија - кај него, како и кај некои од неговите следбеници, таа стана **поглед на светот**, една философска и етичка теорија, а не само важна психо-медицинска практика. Психоанализата разви испитување на намерите и постапките на пациентите, а по *разговорот* со нив (нивните изјави се особено важни) може да им се помогне со соодветен третман. Медицината иманентно содржи философска концепција, нејзините идеи овозможуваат духовна и морална ориентација на луѓето кон здравјето и живеењето. Основните учења на психоанализата помогнаа *научно* да се проникне во најсуштествените прашања на светот, животот, човекот и општеството и да се стигне до сознанија и толкувања кои имаат философско и етичко значење и квалитет (така инспиративни се и истражувањата на Ајнштајн, 1879-1955, и на другите најголеми физичари за микросветот, за материјата, просторот и времето, за законитоста и за релативноста, за можноста за сознание на најситните честички; или трудовите на Стивен Хокинг и на другите астрономи за почетоците, структурата и движењето на вселената, и сл.).

Психоанализата овозможи нов став за *човечката природа*. Фројд откри кај човекот три фактори - Ид, Его и Суперего (*лат.* Тоа-Нешто, Јас и Над-Јас). Основниот елемент на човечката природа е *сексуалниот нагон* (природен нагон). Тие се најважни делови од **несвесното** кај човекот, врз што се концентрира Фројд. **Егото** е *центар на рационалната* свесност и на дејноста која е насочена кон јасни и јавни резултати. **Суперегото** е израз на притисокот и

на барањето *однадвор*, од другите, од општеството; од него извираат моралните норми и другите соодветни барања кон личноста. Од **Идот** доаѓа *либидото* (сексуалниот нагон, енергија - *лат.* желба, страст), основната категорија на фројдистичката психоанализа. Тоа не е целина на сите нагони, туку специфичен најсилен нагон. Се однесува на еротското, љубовното (либидото е за љубовта исто што е гладта за хранењето). Во животот егото е распнато помеѓу натисоците од идот и од суперегото, кои се разликуваат и натпреваруваат. Егото се труди да најде *баланс*, тоа сака да ги задоволи двете страни. Кога барањето на идот предизвикува голем судир со суперегото, тогаш егото и суперегото неговата содржина *ја потиснуваат во несвесниот дел* на психата. Тоа е вид "цензура" (*лат.* надзирање). Фројд смета дека секоја потсвесна содржина некогаш била свесна и во психата влегла преку искуството. Иако сега е сместена во несвесниот дел, таа на разни скриени начини влијае врз свеста. Со *сублимација* (*лат.* возвишување, претворање на нешто пониско во ценета содржина) таквите содржини стануваат извор на творештвото во разни области, бидејќи енергетскиот склад се насочува во прифатливи канали. Кога ова не функционира, се јавува **невроза** (*лат.* пореметување на нервите, возбуденост, слабост), најчесто како вид психички блокади. И соништата, грешките во говорот и во постапките и заборавањето Фројд ги поврзува со психичкиот механизам на репресијата и на отпорот спрема неа. Заборавме затоа што се плашиме да се сеќаваме. За да го разбереме ова, треба да се *анализира* зошто тоа ни се случува. зошто се воздржуваме од сеќавање.

Психоанализата е *терапија*. Таа го испитува несвесното, терапевтот ги користи соништата и несвесните грешки да разбере како потиснатата содржина ги предизвикала тегобите. Содржината треба да се доведе до свеста на невротичниот; се претпоставува дека така ќе престане да ја пореметува психата. Според Фројд, главни содржини за неврозата се *сексуалните проблеми* (уште од најраното детство) - со оглед на силата и значењето на либидото и можните невротични последици што ги создава. Овие неврози се претставени во разни митови и уметнички дела. Во животот се изградени разни методи и сили за регулирање на овие особени (а според Фројд - основни) човекови проблеми. Фројд учи дека еден од тие методи е *религијата*, која е проекција во космички димензии на заповедите и забраните од таткото како глава на семејството. Со ваквите илузии или со масовните неврози може да се избегнат индивидуалните неврози. Личноста ја достига зрелоста кога илузиите ќе ги замени со два принципи - **реалноста** и **задоволствата**, кои треба да станат *цели* на животот. Фројд ја изнесе и теоријата, која ќе биде многу користена, а говори за разликата меѓу принципите Ерос и Танатос. **Ерос** (*хел.* сексуална љубов и бог на љубовта) е инстинкт на задоволството. **Танатос** (*хел.* смрт и бог на смртта) е инстинкт кон смрт. Тоа се основни животни нагони, помеѓу кои е распната личноста, но и целото човештво.

Идеите и толкувања на Фројд се *научна новина* и постигнаа *голем успех*. Фројд е еден од најзначајните научници на новата ера. Не само што посочи еден вид терапија, која им помага на луѓето, туку даде значаен импулс и идеи за разбирање на многу појави во човештвото. Психоанализата дури стана **мода** во развиените земји, предизвикува иронија, но психоанализата, разговорот со стручњак, проникнувањето во своите проблеми итн., навистина може да помогне во сé потешкото живеење на кревките денешни личности. Психоанализата, особено нејзината сексуално заснована теорија, предизвикува оградување и напади од малограѓанската свест. Фројдовите учења беа **забранети** во фашистичките и во бившите социјалистички општества (иако болшевизмот

изворно инсистираше на "слободната љубов" како пат за ослободување на личноста од буржоаските навики - главен теоретичар на оваа идеја е *Александра Колонтај,* 1872-1952, авторка на книгата "Нова жена"). Во социјалистичките држави имаше официјален предмет *Критика на фројдизмот*, а студентите не смееја да читаат оригинални трудови, туку само дозволените, во кои учењето на Фројд е осудувано.

Најистакнати следбеници на Фројд се големите научници и мислители Адлер, Јунг и Корнај, а од оние кои идеите на Фројд ги поврзуваа со другите погледи најпознати се Рајх и Ерих Фром. **Алфред Адлер** (1870-1937), психијатар во Виена, посебно внимание му посвети на проблемот на **компензацијата**. Уште Фројд забележа случаи кога личноста ја нагласува во своето однесување машката односно женската страна кога нема целосен сексуален развој. Адлер тврди дека така се случува во биологијата; кога некој орган е повреден, неговата функција ја презема другиот орган. Кај луѓето Адлер тоа го дополнува со социјалните аспекти; ако човекот има некои физички, психички или социјални недостатоци, тоа го компензира со копнежот да се афирмира во средината и да завладее со неа (Адлер ја сметаше **афирмацијата** за основен стремеж кај личноста, дури и либидото го изведуваше од неа). Неврозите се вид компензација. Потоа Адлер се оддели од Фројд и направи свој правец - **индивидуална психологија**.

**Карл Густав Јунг** (1875-1961), психијатар во Цирих, прв преседател на Интернационалното психоаналитичко здружение, раскина со Фројд, а своето учење го нарече **аналитичка психологија** или **комплексна психологија**. Основното дело на Јунг е "Симболи на духот" (1948). Тој го прошири поимот на **потсвеста**, а го стесни поимот на свеста. Потсвеста ја смета за *најавтентичен дел на човековата пси*ха, суштина која го поврзува човекот со самиот себе и со сето постоечко. Нејзината содржина не може да се изнајде со мисловен процес, туку *интуитивно* и преку **симболи**. За Јунг симболите се средство за сознание, од едни симболи се оди кон сé подлабоки симболи, но не може да се стигне до конечната и најдлабока психичка реалност. Симболите претставуваат преобразување на биолошката во психичка енергија - тие се суштина на сé. Јунг ја истакнува разликата меѓу **личното** и **колективното несвесно**. Содржините на личното несвесно се формираат во личноста во текот на нејзиниот живот, во колективното несвесно се содржини кои како своевидно *расно помнење* се формирале во текот на историакиот развој на родот. Содржината на колективната свест се **архетипови** - пластови од историски искуства, праформи на сé значајно што доживеало човештвото. На колективната потсвест може да ѝ се доближиме со интуиција, но сето е "заклучено" во длабината на душевноста. Сепак, тоа силно влијае врз животот на единката и на општеството, се изразува во уметноста, митологијата, религијата, соништата (а кај примитивниот човек тоа дури владее со неговото мислење).

**Карен Хорнај** (1885-1952) е најзначајна жена психоаналитичар, основач на Американскиот институт за психоанализа (1941). Го отфрли апсолутизирањето на либидото и детерминизмот на изминатите искуства - но го истакнува значењето на детството, на културата и на социјалната реалност. Тоа ја изложува **конфликтноста во човековиот живот** ("Невротичната личност на нашата епоха", 1937). Централно место имаат меѓучовечките односи, културата, чувството на тегобност и желбата за самореализација. Човекот има желба да расте и способен е за тоа. Но растењето го попречуваат невротските конфликти и основните тегобности (анксиозност, стравови). Невротскиот конфликт е израз на спротивните потреби. Има решенија за амбициите, но невротикот е бессилен

и не прави избор. Темелниот конфликт е меѓу ставовите на човекот за самиот себе и за другите луѓе. Човекот ја потиснува омразата, но таа предизвикува чувство на вина. Се пореметува *самореализацијата*, неврозата целосно ја блокира. Услов за оздравување е *освестувањето*.

**Вилхелм Рајх** (1897-1957) соработуваше со Фројд само 3 години, но тоа ги детерминираше неговите идеи. Тој учествува во движењето за политичка и сексуална револуција (*Секспол*), а верува и во *фројдомаркизмот*, кој се трудеше да ги спои учењата на Маркс и Фројд (уште во 1933 година напиша одлична книга "Масовна психологија на фашизмот"). Но го отфрлија и марксистите и аналитичарите. Рајх ја нагласува *сексуалноста*. Во хетеросексуалното уживање тој виде природна состојба на човекот и среќа за човекот. Сé што го попречува тоа донесува несреќа, страдање и душевни пореметувања. Особено значаен е *оргазмот*, кој за Рајх е извор на душевното здравје. Општеството прави насилство над личноста оневозможувајќи го сексуалното доживување, што е темел на општественото угнетување, со што човекот се учи на *покорност*. Класното општество е израз на тие стремежи да се укинуваат нагоните. Психоанализата може да му помогне некому како единка, но ослободувањето во општествена смисла е можно само со комунистичка револуција, која ќе ги укине ограничувањата на сексуалниот нагон и со тоа ќе го ослободи човекот. Кога ќе нема полови девијации ќе се загубат и психичките болести. Потоа Рајх изгради теорија за *космичка природа на сексуалноста*, која во вид **оргон** се јавува во целата Вселена (тоа е еден вид од космизмот како нов вид философија). Тогаш Рајх беше борец за сексуална револуција.

Фројд и фројдистите создадоа мошне важна философска и научна концепција за улогата на нагоните и за нивното реализирање или запречување во целината на човековото живеење, лично и заедничко со другите луѓе. Тоа е основа за многу современи уметнички, социјални, политички и други теории - во некои философски концепции влијанието на ваквите идеи е клучно, како кај **Мишел Фуко** (1926-1984, "Болеста и цивилизацијата", "Историја на сексуалноста"), кај творецот на антипсихијатријата **Роналд Дејвид Лејнг** (1927-1989, "Разумот и насилството", "Разделеното Јас") или кај творецот на алтернативната психијатрија **Франко Базалја** ("Негација на институциите", "Заталканото мнозинство").

**Karl Marks** (1818-1883), по потекло од Триер од Рајнската област, доктор по философија (дисертација за учењето на Епикур за *слободното* движење на атомите), еден од најзначајните *економски* мислители ("Капитал"), идеен и политички водач на *комунистите*, автор на "Комунистичкиот манифест" (1848), основач на меѓународното здружение на работниците и работничките сојузи *Интернационала* (1864-1876), еден од највлијателните идеолози на новата ера, во почетоците пишуваше за суштината на човекот и ја истакнуваше човечката *креативност* и *самосвест*. Потоа се застапува за општите *слободи*, како и за надминување на подреденоста на работниците на производството, кое ја уништува нивната личност, трудова сушност и моралност, ги води во **отуѓеност**. Еден од најсилните критичари на буржоазијата, Маркс го развива учењето за *класниот* карактер на општеството и на класната борба како *двигател на историјата*. Предвиде и предлага *револуција* на пролетаријатот како разрешување на современите противречности и на негативната положба на човекот и на културата.

Учењата на Ерих Фром се значаен израз на **хуманизмот во современата епоха**. Низ историјата растеа сознанијата за човекот, како и неговата *самосвест* за својата посебна положба на Земјата и за своите животни и општи задачи.

Денеска сме во нагласена **ера на човекот.** Во денешната епоха најповеќе се говори за човекот и се истакнуваат човечките интересирања, сé се свртува "кон човекот", се создаваат посебни социјални и политички идеи за унапредување на човечката положба, речиси сé во современата свест и живот има *антропоцентричка* смисла (од човекот произлегува секоја вредност, кон човекот е свртена секоја цел). Се развива **антропологијата** (*хел.* антропос - човек) како систем од особени науки за човекот (*философската антропологија* - го проучува обопштено човекот; *физичката* - го проучува како живо суштество; *културната* - ги проучува човековите вредности и дела; *социјалната* - ги проучува општествените форми на човечкиот живот). Сите визии денес се стремат да бидат **хуманистички** (*лат.* хомо - човек) - или пред сé зборуваат за човекот (а сите други нешта ги подредуваат на човекот), или тежнеат да му помогнат на човекот, или говорат за величината на човекот и сакаат уште повеќе да ја зголемат, или укажуваат на тешкотите на човечкото живеење и се трудат да им помогнат на луѓето. Философијата *предничи* во тој општ хуманистички бран. Во Ренесансата посочи дека е најважно да се унапредат човековата слобода и сознанија, а оттогаш речиси сите правци (емпиризам, рационализам, Просветителство, критичката мисла, позитивизам, либерализам, марксизам, неопозитивизам, прагматизам, феноменологија...) само го пофалуваа човекот и укажуваа на неговите сили да го сознае светот и да завладее со него. Укажувањата од Ниче дека човекот е во декаденција беа надоместени со неговата вера во натчовекот. Егзистенцијалистичките стравувања за човековата грда судбина во модерната епоха одеа заедно со повикот за менување на состојбите.

**Состојбите на човекот денес не се добри**. Суровата реалност, војни, кризи, експлоатација, судири, тегобности го погодуваат човекот. Противречно е и силното инсистирањето на моќта на научното-*објективното* над човекот-*субјективното*. Човекот исто така ја повредува природата, со што си ја уништува основата на постоењето и си го одзема легитимитетот за слободно дејствување. Со свеста на луѓето уште владеат предрасуди (дискриминација, сегрегација, фанатизми), нетрпеливост, лоши цели (насилство), погрешни визии (потрошувачки дух, зависности). Тоа предизвика појава и растење на **новиот хуманизам**. Тој со научни средства, особено со психолошки истражувања, како и со сите други сили на луѓето (етика, уметност, религија, грижа за здравјето и за образованието, добра политика), ги критикува состојбите, но и го охрабрува човекот да живее благородно и го поттикнува да оди по патот на хуман развој, а не да создава пропаст на човештвото. За тоа многу се заслужни етичарите во последниве две столетија, кои со теориски придонес и со личен пример покажуваат љубов за човекот и го потикнуваат да се однесува хумано кон другите луѓе.

Ерих Фром укажа дека "**модерниот човек чувствува тегобност**". Централните истражувања на Фром се посветени на *противречностите на човечката егзистенција*, кои не се само лична позиција на некој човек, туку суштествена карактеристика на луѓето денес. Основната идеја на Фром е дека современиот човек самиот **се отуѓува** во животот и во општеството. Суштината е во бегството од слободата и од одлучувањето кое ќе води кон правилни решенија - човекот се стреми кон "слобода од", а не кон "слобода за". Тоа е база за развивање на насилничките форми на волјата за моќ, кои се шират на разни начини - со стремежот да се господари над друг, со авторитарноста на позицијата и на ставовите, кои се наметнуваат безобѕирно, со заканувањето и со уништувањето итн. Посебно е вредна анализата на Фром на деструктивната

природа и практика на човекот. Вели дека тој обично ја испитува човековата способност да сака, но, сепак, и човековата моќ да урива, неговото самољубие и негативни психички настроенија. Едното го нарекува "биофилија", **љубов за животот**, "синдром на растењето" - другото "некрофилија", љубов-**нагон за уништувањето и смртта**, "синдром на упадокот". Предупредува дека во масовната бирократско-индустриска цивилизација, во која се води дискусија дали атомската војна би го уништила целото човештво или само 50-60 проценти од луѓето, "луѓето не се плашат од сеопштото уништување затоа што не го сакаат животот, или не им е гајле за него, или мнозина се привлечени од смртта".

Фром покажува дека во човекот се судруваат два вида ставови и односи - **авторитарност** и **хуманост**. Тие се изразуваат и во психата на личноста и во нејзините социјални релации. Така е и во етиката. Фром пледира за **хуманистичка етика**, а станува против авторитарната етика: "Критериумите во авторитарната етика нужно фундаментално се разликуваат од критериумите на хуманистичката етика. Во авторитарната етика авторитетот утврдува што е добро за човекот и ги поставува законите и нормите на поведението; во хуманистичката етика самиот **човек е оној кој ги поставува нормите**, тој е субјект на нормите, нивни извор или регулативна сила и ја определува нивната содржина". Фром суштествено го критикува авторитаризмот во моралот: "Авторитарната етика може да ја разликуваме од хуманистичката етика според две основи - формално и материјално (содржински). Во формална смисла, авторитарната етика ја **негира способноста на човекот да знае што е добро, а што зло** - оној кој ја воспоставува нормата секогаш е сместен над поединецот. Таквиот систем не се базира врз разумот и знаењето, туку врз стравот од авторитетот и врз чувството на субјектот дека е слаб и зависен... Решенијата на авторитетот не смеат да се доведуваат во прашање. Според содржината, авторитарната етика одговара на прашањето на доброто и злото пред сé според интересот на авторитетот, а не според интересот на субјектот. Таа етика е експлоататорска". Тука човекот ја загубува индивидуалноста, самостојноста, слободата и одговорноста. Во Фромовата етичка визија, силите на човекот оптимистички се насочени кон самоизградбата, кон етичкото однесување, слободата, љубовта и толеранцијата.

Една од најзначајните нови појави кај човекот е неговото чувство на **осаменост**. Ова нужно бара да биде согледано, истражувано, експлицирано, да се укажува на негативностите и тие јавно, остро и непрестајно да се критикуваат и да се посочува на позитивноста на живеењето и на нужната поврзаност на луѓето, а луѓето да се учат како да градат добри цели, да ги спроведуваат добрите намери, да прават добри дела и меѓусебно да се почитуваат и сакаат. Фром во своите етички истражувања ги вградува своите *психоаналитички искуства* (без прекин ја развиваше својата психоаналитичка практика).

Според Фром, кон овие тешки прашања, човекот може да се однесува на два начини - или со здружување со другите преку **љубов** и со **давање придонес кон општествениот развиток**, или со препуштање на авторитетот, со покорување на другите со лоши цели, со градење омраза и насилство и со правење зли дела. Во тоталитарните режими, кои ги имаше доста во современата епоха, нивните членови се препуштаат на власта на другите, така предавајќи ја својата слобода, и се истакнуваат со лоша насоченост на дејствувањето и со злосторства. Во современото општество луѓето може да се отуѓени и заради општеството ако тоа не води сметка за работливите и за оние кои имаат позитивни ставови. Општеството може ја да ограничува слободата на

единката и како *мегаломашина*, огромен апарат за угнетување и за ширење на нехуманите тенденции. Фром истакнува во книгата "Човекот за себе", кое е истражување на психологијата на етиката: "**Решението зависи од човекот**. Тоа се базира врз неговата способност себе, својот живот и среќа да ги разбере *сериозно*, врз неговата желба да се *соочи* со своите морални проблеми и со моралните прашања на своето општество. Тоа се засновува врз неговата *храброст* да биде свој и за себе!" **-** Фром има многу учења кои се однесуваат на човекот, а се карактеристични за неговата етика. Неговиот став не е релативизам, дека не знаеме што е добро, туку *реализам*, посочување на вистинските проблеми на луѓето: "Ако некој верува во добрината на човекот како единствена можност, ќе биде присилен да ги дотерува фактите или да заврши со горчливо разочарување. Ако некој верува во другата крајност, ќе заврши како циник и нема да ги види многуте потенцијали за добро кај другите и кај себе си. Реалистичкото становиште гледа на двете можности како на реални потенцијали и ги проучува условите за развиток на секоја од нив".

Фромовата анализа на човечките карактери е негов придонес кон самосознанието на човекот и кон продуктивната социјална психологија и антропологија, кои треба да помогнат во организирањето на современото живеење на луѓето. **Карактерот** е (релативно постојана) форма во која човечката енергија се канализира во процесот на поврзување и социјализација. Поимот "социјален карактер" ги обединува психата на личноста и социјалната структура на општеството - и покажува како се развиваат културата (во нашиот случај западната), деперсонализацијата и дехуманизацијата во неа. Фром претставува и објаснува 5 видови **карактери** и **однесување**, кои имаат последици за социјалните односи на тие личности и на нивната заедница: **рецептивни** - тоа се оние луѓе кои примаат, а не даваат; **присобирачки** - оние кои собираат и сé задржуваат за себе и не го делат со другите; **искористувачки**, експлоататорски - оние кои од другите земаат со насилство и итрина; **трговски** - оние кои сметаат дека себе и своите квалитети можат да ги продаваат како стока; **продуктивни** - оние кои своите потенцијали ги реализираат на *позитивен* и општествено вреден начин. Истакнувањето на продуктивноста како најзначаен и позитивен карактер е поврзано со Фромовото сфаќање на **трудот како суштинска потреба на човекот** - додека во негативна смисла човекот ја користи работата само како средство за опстанок или за постигнување успех. Ова е поврзано со учењето за смислата на животот, со посочувањето дека човекот треба да ја научи **вештината на живеењето**, како посебен творечки импулс и сила кај човекот. Фром посебно ја истакнува и **вештината на љубовта**, како најважно и најблагородно чувство на човекот. *Способноста за љубов* е вистинска човечка вредност, суштина на човечкото постоење и може да му даде одговор за проблемите на егзистенцијата. Љубовта оди заедно со **почитувањето кон животот**, со потребата на човекот да се поврзува со светот и со другите луѓе. Фром постојано говори за квалитетот на заедничкото живеење на луѓето, за доброто и злото што ги води во животот, за надежта која ги охрабрува и за безнадежноста која ги погодува. Во една од најпопуларните и најчитани етички книги на денешната епоха "Вештина на љубовта" Фром опишува разни видови на љубовта, а проблематиката на чувствата се истражува со нагласен етички приод: "Зрелата љубов значи врска во која се сочувува сопствениот идентитет, својата индивидуалност. Љубовта е активна сила на човекот, сила која ги урива ѕидовите што го разделуваат човекот од неговите ближни, што него го соединува со другите луѓе. Љубовта му помага на човекот да го совлада чувството на осаменост и одделеност, а сепак му дозволува да биде свој, да го

задржи својот интегритет. Во љубовта се случува парадоксот две суштества да стануваат едно, а сепак да останат две".

Човекот, според Фром, е дел од природата, па и човечката ситуација е определена од природните својства на човекот. Но човекот ја надминува природната положба зашто има **самосвест**. Противречноста меѓу разумот и природата предизвикува многу конфликти кај човекот, но тоа истовремено е и извор за неговиот хуманизам. Човекот не може да остане пасивен, туку бара да ја најде смислата на своето постоење (која постојано се доградува). Тоа го прави со проникнување на својата суштина со природата, со општеството, како и со самиот себе како важен објект за себе. Тој може да воспостави хармонија со нив ако се изгради во самостојна, неавторитарна личност, која ќе ги развива специфичните човечки сили - производноста, разумот и љубовта.

Во философско-психолошка смисла сé се резимира во модерната дилема **да се има или да се биде**. Модерниот човек, според Фром, треба да биде готов на откажување од сите форми на поседување за да може *целосно да се реализира*, да биде. Врз желбата за имање, поседување, владеење со светот и со другите и за робување на своите сопствени потреби - нема слободна личност. Затоа новото хумано општество треба кај личноста да развива чувство на идентитет и на доверба, базирани врз вербата во она што е човекот, врз потребата за позитивни човечки релации, љубов, хумани интересирања, солидарност со светот околу себе. За сé е најважна перспективата за слободен и творечки развиток и дејствување на личноста. Фром вели: "Стремежот да се сознаеме себеси, да ги сознаеме другите е изразен во античкото мото *Сознај се себеси!* Тоа е основниот мотив на целата психологија. Доколку, сепак, имаме желба да сознаеме сé што е во човекот, да ги согледаме неговите најголеми тајни, нашата цел никогаш не може да биде постигната само со сознание преку мислата... Единствениот начин за целосно сознание е актот на љубовта. Љубовта (срцето) ја надминува мислата, се крева над зборовите. Тоа е остар скок во светот на сплотувањето".

Фром се стреми кон **лечење на западната цивилизација** (бара и на Исток идеи кои можат да помогнат во разбирањето и решавањето на противречностите кај денешните луѓе - коавтор е на популарната книга "Зен-будизмот и психоанализата", 1957, со најзначајниот современ јапонски мислител *Дајзец Сузуки*, 1870-1966, како и на многу анализи, објаснувања и компарирања на етичките ставови на јудаизмот, таоизмот, христијанството, будизмот, зороастризмот и на другите религии). Учењата на Фром се мошне популарни заради нивната хуманост, човечка доблест и универзалност. Тие понудуваат бележит хуманистички пристап кон човекот и современото човештво. Учењата на Фром имаат и профетски карактер, тој пишува апологии за моќта на човекот за љубов, ненасилство и добрина, но горчливи зборови, прекорување на човекот за лошите поставки во современата свест за животот и за етиката, за повредувањето на Природата и за заканите со атомска пропаст: "Сите податоци ѝ се достапни и познати на јавноста. Меѓутоа, речиси е неверојатен фактот дека **досега не се преземени сериозни напори да се избегненавестената грда судбина**. Додека во приватниот живот само луд човек би останал со скрстени раце доколку неговата егзистенција би била загрозена, во овој случај оние кои се одговорни за јавната благосостојба не преземаат практично ништо, а оние што ним им ги доверуваат своите животи, ги оставаат да прават што сакаат".

**Етички мисли на Ерих Фром**

"Секоја култура има специфични морални проблеми, кои никнуваат од нејзината структура, но тие се само различни страни на општите морални проблеми на човекот."

"Секој врви кон насоката што самиот ја избрал - на животот или на смртта, на доброто или на злото."

"Биофилната етика има свои принципи за добро и злото. Добро е сé она што му служи на животот, коешто го помага животот, го поттикнува растежот и развитокот - злото е сé она што служи на смртта, коешто го задушува животот, го стеснува, го раскинува на парчиња."

"Не престапникот или садистот, туку човекот со исклучителна власт е главната опасност за човештвото."

# 87. Емануел Левинас
## ЕТИКАТА Е ПРВА ФИЛОСОФИЈА



Сите етичари не работат во својот крај и немаат сите шанса да им зборуваат на својот изворен круг луѓе. Но тие им говорат на сите луѓе, на сето човештво. **Емиграцијата** е зло за нив како личности, или за нивните семејства, или за народите во кои се родени, но е придонес за земјата каде што пристигнале и можеле да го дадат својот придонес за разбирањето и развојот на етиката - за нас сега тоа е најважно, особено во модерното време.

Париз, и другите земји и градови во слободниот свет, ги прибираа во свои прегратки оние кои морале да емигрираат од своите земји - некои во потрага за подобра средина за творење, некои бегајќи од притисоците и закани од авторитарна власт, а некои од творечко-авантуристичкиот предизвик да се живее и работи во развиена средина, која ќе го сфати модерното што врие во душата на младата личност. Можеби во своите оригинални краишта тоа не би можеле да го постигнат. Таквите културни емигранти се најпознатите научници и уметници Хајнрих Хајне и Карл Маркс, Никола Тесла и Алберт Ајнштајн, ликовните уметници Пабло Пикасо, Амадео Модиљани, Салвадор Дали, Василиј Кандински, Марк Шагал, Ханс Хартунг, Константин Бранкузи, Кристо Кристов, филмските уметници Чарли Чаплин, Грета Гарбо, Ерих фон Штрохајм, музичарите Фредерик Шопен, Игор Стравински, Сергеј Прокофјев, писателите Ежен Јонеско, Семјуел Бекет, Џејмс Џојс, Бертолт Брехт, философите Костас Акселос, Јулија Кристева и Цветан Тодоров, и многу, многу други, како и Емануел Левинас, кој даде круцијален придонес за етиката.

**Емануел Левинас** е роден во 1906 година во Каунас во Литванија, учел во родниот крај и во Русија. Емигрирал во Франција (1923). Студирал во Стразбур и во Париз. Специјализирал една година кај Хусерл (1928/29), напишал прва фундаментална интерпретација на неговиот метод "Теоријата на интуицијата во Хусерловата феноменологија". Го предвестил "нацистичкиот ужас" во книгата "За бегството" (1936). Бил во логор (1940-45). По војната пишува за моралот, создава оригинална "феноменологија на дијалогот". Предавал во Поатје и во Нантер, бил професор по онтологија на париската Сорбона и директор на Нормалната ориентална израелска школа (1947-1963). Бил пријател со егзистенцијалистите Жан Вал (соработувал во неговиот Философски колеж), Морис Бланшо, Габриел Марсел. Умрел во **???** Објавил многу бележити трудови: "Времето и другиот" (1947), "Тоталитетот и бесконечноста" (1961), "Хуманизмот на другиот човек" (1973), "Тешка слобода" (1976), "Етиката и бесконечноста" (1982), "Етиката како прва философија" (1992) и др. Во

Универзитетот на Северна Каролина (Шарлот, САД) е основан центар за истражување и ширење на философските и етички идеи на Левинас.

Левинас ја истакнува следнава базична мисла: "Кога говорам за *првата философија*, јас укажувам на философијата на *дијалогот*, кој не може да не биде *етика*". **Етиката е прва философија**, од неа другите гранки на метафизиката ја добиваат својата сисла. Етиката го има централното место во човечкото живеење, кое е поинакво од "битието" и трансценденцијата на светот. **Етичкото е однос на човекот со човекот**. "Моралното не е секундарен слој, кој е надградба на рефлексијата за тоталитетот; моралноста има независен и прелиминарен дострел - првата философија е етика". **Секоја мисла е етичка**. Иако е осамено суштество, човекот реално е морално суштество, бидејќи го признава другиот човек, како дел од интерсубјективноста. Според Левинас, философијата не одговара само на прашањето "што е?", туку на прашањето "како *е* тоа што *е*, како значи дека *е*?"

Левинас го истакнува **дијалогот** како **централна тема на философијата**, а тоа значи на човечката опстојба и сознавање. Дијалогот (*хел.* разговор на двајца, размена на мисли помеѓу двајца) као метод го разви најпознатиот етичар на Антиката *Сократ* (470-399), користејќи го човекот да дојде до морални сознанија, кои се "во човекот", нив ги содржи душата, која ги гледала идеите во вистинскиот свет пред да се смести во човекот со раѓањето во овој минлив свет. Неговиот ученик *Платон* (428-340) го разви дијалогот во речиси исклучив метод за истражување и образложување на вистините во своите дела (во кои Сократ разговара и ги надвладува поинаквите сознанија). Во *Ренесансата* дијалогот го користеа големите умови во чест на разликите на мислењето (Пјер Абелар, 1079-1142, Џордано Бруно, 1548-1600, Галилеј, 1564-1642,...). Денешните *постмодернисти* тврдат дека дијалогот не е само успешен пат за доаѓање до вистината, туку можност да се чуе другото мислење (како основа на демократијата) и подобро да се размисли за својот став, да се осмисли своето лично постоење и наосоченост, како и егзистенцијата и вредноста на другиот.

Во дијалогот е основна позицијата "Јас-Другиот". Феноменолошки, тоа е трансцендентална *интерсубјективност*, странува збор за априорниот карактер на дијалогот. Оваа основна комуникација сведочи за битието, која е основа на субјектот. Онтологијата, според Левинас, се однесува на ова појавно битие (не како "старата" на скриеното или недофатливото битие).

Во таа смисла, за Левинас **етиката е пред онтологијата**, пред првата философија (Аристотел учењето за постоењето и неговите квалитети го нарекува "прва философија" - откако по неколку векови беа пронајдени Аристотеловите ракописи, философите не знаеја како да ја наречат оваа дисциплина - а Аристотел е првиот философ кој градеше философски дисциплини; бидејќи според содржината доаѓаше по физиката, науката за појавноста, ја нарекоа *мета-физика*, т,е, она што следува *по* физиката). Левинас вели: "Несводливоста и врвното доживување на врската е некаде на друго место, не во синтезата, туку во односот на личноста со личност помеѓу луѓето, во социјалната димензија, во нејзиното морално значење. Но, моралноста не е втор слој над апстрактната рефлексија над тоталноста - моралноста има независен и априорен обем. **Првата философија е етиката**". Тоа што етиката е пред онтологијата значи дека моралот е состојба во која не е замешана онтологијата. Од позицијата на онтологијата, моралната врска е нешто дополнително. Всушност, "треба" како база на етиката не може да се изведе од "е", стандарден поим на битието, т.е. вредностите не може да се негираат од фактите. "Даденоста" пред битието и фактите ја нарушува смислата на моралот.

Етичката анализа открива дека основата на моралот е конкретната индивидуа, а не некој "општ човек" или "човечкиот род"; не станува збор за дел од природата, туку за субјектот на моралниот свет. Се разбира, човекот има способност да ја разбере природата и да се грижи за родот, може да ѝ се потчинува на природата, но не може наполно да ја совлада. Но тој си создава свој свет на културата и на моралноста. Левинас ја изградува мислата врз етичките односи како структура на битието. Оваа, една од основните структури, е чиста потенција (еден од квалитетите на битието во класичната философија). Меѓутоа, средствата на онтологијата не можат да помогнат да се разрешат прашањата на дијалогот. во кого се олицетворуваат етичките односи. Етиката овозможува да се разоткрие смислата на дијалогот преку опозицијата Јас-Другиот. За другиот Левинас кажува дека се наоѓаме "покрај" него, "не наспроти" него, а тематизирањето на другиот не е исто како што се случува со познатиот предмет, ние не може да ја споделиме својата егзистенција. Моралот се наши **обиди да ја надминеме страноста на другиот**, а со тоа да го победиме злото, да ги совладаме егоизмот (следење само свои интереси), егоцентризмот (ставање себеси во средиште на сé), непријателството, омразата и сличните пороци. Проблемот е да стигнеме до хуманоста, љубовта, толерантноста, сочувството, лојалноста, емпатијата, милосрдноста.

Со етиката се надминува дихотомијата на зададените онтологични поими *тоталност-бесконечност*. За тоа помага етичкото движење кон другиот и постоењето на другиот вон од секоја можност за тотализирање, со која би ја загубил својата автономност. Наспроти тоа, стои поимот на "самоста", кој има димензии само за нашата внатрешност. Врската на себеси со самиот себеси за Левинас е опасна рефлексија на духот, која треба да биде надмината. Со успехот во таа свесна активност ние се враќаме кон сопственото Јас. Јас останува исто и во текот на сите негови промени во животот. Основата на субјектот е универзалната *идентичност*. Доколку го совладува својот идентитет, Јас може во себе да предизвика претстава за Другиот. Левинас је пресвртува Декартовата мисла "Мислам, значи постојам" во "**Постојам, значи мислам**". Тој толкува дека "Јас мислам" не значи дека моето мислење го објаснува постоењето на Јас како супстанција, туку постоењето на она на што јас мислам. Самиот глагол "мислам". како транзитивен (интенционален) нé насочува кон предметнот свет, а не никогаш кон нашето Јас. Кога мислам на себе, откривам дека сум во светот, дека сум втопен во светот.

Така Левинас го напушта класичниот рационализам. Тој е занимава со откривањето на комуникацијата на Јас спрема Другиот. Способноста за ваквото трасцендирање ги опишуваат етичките идеи. Моралноста е чувственост, која ни е дадена пред рационалната субјективност. Чувственоста може да биде ограничена на егоистичното Јас, ако сум свртен кон себе, ако имам грижа само за себеси. На ова Левинас му противствува "стремеж кон Другиот", којшто означува социјалност, моралност како алтруизам. Самиот стремеж кон Другиот е обично социјално искуство, но има базично значење, има смисла. Се открива една апсолутна ориентација, станува збор за добрината.

Другиот е објект на мојот стремеж, тој може да се анализира како "другост". Другиот е дел од културната севкупност (другиот си има друг Друг итн.). Другиот не е ист како светот, стремежот кон него има за мене особено значење. Моралот претставува обид да се совлада она што органски е страно. Левинас ѝ забележува на современата философија дека го заборавила Другиот, кој е наш **соработник** и **сосед**, **клиент** на продукцијата и **собеседник**. Ако му откажувам автономија на другиот, настапува тотализација, негирање на

неговата различност, откажување од неговата "другост". Тотализацијата е неетична, бидејќи не води сметка за реалноста на другата личност.

Според Левинас, ние сме и Јас и Другиот. Сврзникот "и" не значи власт на едниот над другиот. Односот помеѓу Јас и Другиот се случува најнапред како *разговор* (дијалог), кој е **етички однос**. Тој доаѓа однадвор и ми донесува повеќе отколку јас содржам. Во етичката врска Јас и Другиот се незаменливи. Сите "правила" и "должности" се однесуваат само на мене, само мене ме обврзуваат и мене ме определуваат како Јас. Оттука следува и толкувањето на Левинас на **одговорноста** (тој инсистира на етичката примордијалност на одговорноста**)**. За мене одговорноста е морална димензија, таа се изразува со ставот "*тука сум*". "Да се стори нешто за другиот - потцртува Левинас. - Да се даде. Да се биде човечки дух". Потсетува на зборовите на *Достоевски* (1821-1881): "Сите сме виновни за сé и секој пред сите, а јас повеќе од другите". Одговорноста може да ја загуби својата морална содржина ако јас ја префрлам врз Другиот - морално одговорен сум јас, не можам да избегам од одговорноста, таа е дел од субјективноста: "Никогаш не сме ослободени од одговорноста спрема другиот... Никој во ниеден момент не може да каже: ги исполнив сите свои обврски". Не е ист критериумот на моралната личност и на предметот на моралната загриженост, тоа сознание ме поставува во морална врска. Одговорноста е единствена и нејзината насоченост не се пресвртува. Левинас истакнува дека јас имам секогаш една **одговорност повеќе од другите**. Правилото на мојата одговорност се однесува само на мене и јас морам да внимавам на неа, не другите. Оваа мошне сериозна експликација на личната одговорност кај Левинас добива и категорија "*стандард на светоста*". Тоа можам само јас да си го наложам себеси.

Исто така, моралот нема правила, тој **не е збир на правила или стандарди**. Тој се противен на кодификацијата и формализацијата. "Доброто не е во природата, тоа не е исто така во проповедите на пророците, во големите социјални теории, во етиката на философите..." За Левинас добрината е во обичниот живот. **Моралниот повик целосно е индивидуален**. Станува збор за мојата одговорност. Не донесува спокојство сознанието дека другите прават како мене или дека јас сум ја извршил должноста. Врската во општеството, социјалното заедништво и солидарноста се јавуваат како израз на моралното единство. Делото на осамените единки се шири подалеку од нив со актот на саможртвување. Должноста на човекот е да изградува економија која ќе ги облече голите и ќе ги исхрани гладните. За Левинас нема сомневање - ние не сме морални заради општеството, ние **живееме во општеството затоа што сме морални**. И пред општеството, пред сите законодавства и пред да се направат неговите етички начела, постојат човечки суштества кои се морални без ограничувања на определената добрина.

Левинас етиката ја определува како **универзална етика**, вели "етичката вистина е заедничка". А моралот е хуманизам за Другиот. Покажува како философијата може да се отвори за прашањето на "другоста". Философијата, според Левинас, е "мислење кое им зборува на сите луѓе". Тој создаде многу интересно етичко учење, кое, сочувувајќи ја индивидуалноста како нов општ феномен на човештвото, ја истакнува етиката како незаобиколно чувство и дејства на човекот спрема другите луѓе. Со самоидентитетот се гради етиката на правдината, која ја нарекуваат "нова философија", "етика без етике, "елементарна етика", "фундаментална етика", "етика на ближниот", "етика во знакот на времето" и др. Самиот Емануел Левинас сметаше дека неговата задача

не била да конструира етика, вели: "Јас само се обидов да ѝ ја пронајдам смислата".

**Етички мисли на Емануел Левинас**

"Секоја отвореност содржи разбирање."

"Никогаш не егзистирме единично. Опкружени сме со суштества и со објекти со кои одржуваме однос... Јас гледам Друго, но *не сум* Друго... Помеѓу суштествата сé може да се размени, освен егзистенцијата."

"Слободата на суштеството е непосредно ограничена со неговата одговорност."

"Секојдневниот живот е загриженост за спас."

# 88. Леополд Сенгор
## НАШИ КАРАКТЕРИСТИКИ



Универзалната етика се гради од **сознанијата и добродетелите на сите луѓе**. Сите краишта на светот имаат морални творци, бидејќи луѓето живеат со моралот и своето достоинство го добиваат од моралните ставови. Ако се разликуваат од луѓето од другите краишта на светот, моралните начела и норми соодветствуваат на потребите на луѓето од својот крај. Некогаш светот бил огромен, далечините немерливи и не биле минувани. Но секаде се правени заедници за опстојба, а луѓето ги слушале советите на постарите и ги следеле правилата на исправното однесување. Така до модерната епоха стигнаа многу народи и неколку раси, а мнозина се загубиле во темнините на столетијата. Во меѓувреме светот се раздвижи, поактивните и посилни нации почнаа да одат насекаде по светот и да ги завладуваат неразвиените групи и помирните и бессилни народи. Се зароди **едно од најбедните човечки дела - ропството**, подјармени се цели континенти, а особено Африка. Под своите окупатори "црниот континент" мина низ катаклизмата на пропаѓањето, на уништувањето на својата култура и на запоставувањето на човечкиот развиток.

Целата Африка страдаше од заостанатоста и продолжителното робување, токму кога дојде до работ на современото живеење - од Француската револуција и во наредниот век започна движењето за **аболиција**-ослободување на робовите и напредување на народите, и на арапските и берберските во северна Африка и на црните народи јужно од Сахара и во суптропска Африка. Слободата доаѓаше тешко, но се навестуваше, имаше борби за неа, но тоа бавно се реализираше. Колонизаторите дивееја. Тврдеа дека донесуваат прогрес, но, и ако беше така, тоа беше капка во огромната маса обоен народ. Кога конечно дојде слободата во 1960-тите години (а во Јужна Африка со гнасен *апархејд*, делење на луѓето според бојата на кожата, дури 30-тина години подоцна), новите народи имаа проблем, кој нашиот голем поет-филозоф Бранко Миљковиќ го опиша за нас, но важи за сите народи на светот: "**Дали слободата ќе знае да пее како што робовите пееја за неа?**"

Големиот претседател на Сенегал *Леополд Сенгор*, како и *Кваме Нкрумах*, водачот на Гана, двете ослободени земји во Западна Африка, сметаа дека Африканците треба да изградат **своја философија**, која ќе ги изрази нивните визии за светот и за животот. Тоа беше наречено "на начин на Црнците" (**негритуд**) или покласично "**панафриканизам**".

**Леополд Седар Сенгор**, философ и поет, е роден во 1906 година блиску до Дакар. Бил најпознат политичар и писател во западноафриканската држава Сенегал, до 1958 година колонија на Франција, потоа автономна република во федерација со Мали. Бил претседател на Сенегал од неговото формирање како независна држава (1960), а од власта се повлече кон крајот на 1980 година. Сенгор, католик, престојувал и учел во Франција, каде се дружел со познатите писатели. Дипломирал литература. Бил член на Движењето на отпорот.

Објавува песни од 1945-та, има низа бележити изданија. Бил и член на францускиот Сенат, како и министер во владата на Едгар Фор (1955). Ја напушти Социјалистичката партија на Франција и основа (1948) Сенегалски демократски блок, кој прерасна во Прогресивна унија на Сенегал. Објави антологија на современата африканска поезија "Песни на црниот човек" (1947) со предговор од Жан-Пол Сартр "Црниот Орфеј". Член на Француската академија (1983). **Макс Жакоб** (1876-во логор 1944), поет, духовита личност, потсетува: "Модерниот поет, тоа е светот во човекот". Сенгор е добитник на многу интернационални награди и на најголемото македонско поетско признание "**Златен венец**" на Струшките вечери на поезијата (1975). Бил пријател со македонскиот врвен поет **Ацо Шопов** (1923-1982), прв уредник на весникот "Млад борец", кој со сопругата Светлана Велкова, ќерка на д-р Ристо Велков од Кавадарци, беше југословенски *амбасадор во Сенегал* (1972-1976). Шопов, еден од најпознатите македонски поети и преведувачи, наш водечки модерен, интимистички поет, создаде одлична збирка "Песни за црната жена" (1976) при неговиот престој во Западна Африка.

**Кваме Нкрумах** (1909-1972) политичар од Гана, која била колонија на Британија, бил претседател на владата на т.н. Златен брег (1952), потоа на независна Гана (1957), за да стане претседател на Гана (1960), но е оборен од воена хунта (1966). Еден е од основачите на Организацијата на африканското единство и поттикнувач на идејата за неутралноста (конференции во Акра во 1958 и 1960 година). Ја застапуваше идејата за специфична култура и дух на Африканците - **панафриканизам**. Најпознатиот трубач **Луј Армстронг** (1900-1971), кој веруваше дека неговие предци се донесени во Америка од Гана, при својата турнеја како културен амбасадор на САД (1960), му ја посвети трогателната композиција "Црн и тажен" (*Black and Blue*) на присутниот Нкрумах.

**Африка** е огромен континент, со многу специфичности и богатства. Долго време беше под власт на страни сили. Северна Африка (од Египет до Мароко) била под власт на Рим, Византија, разни варварски народи (Вандали и др.), а потоа дел на Исламското, па на Отоманското царство. Од Северна Африка, населена со Арапи и Бербери, потекнуваа неколку династии во Шпанија, во која до 1492 имаше арапски држави. Најголемата пустина на светот Сахара ја разделува Екваторијалната Африка од северните земји. Подсахарската Африка е најнапред сахел и савана, краишта со малку вода, а потоа има измешани краишта со добра земја и со огромни шуми, со големи реки и езера. Тука живеат Црнци, иако во Источна Африка во Етиопија и на брегот има други раси, доселени Арапи и народи од Исток. На југот е пустината Калахари, а потоа добра земја на Јужна Африка. Освен Етиопија, која е држава уште од Стариот век, и Либерија на западниот брег, на Атлантикот, каде во 1822 година има вратено црни робови од САД, до XX век нема друга слободна афричка земја - сите краишта се окупирани и колонизирани, најмногу од Британија и Франција, но и од Португалија, Холандија, Германија, Белгија, Италија.

Колонијалниот статус на Африка е проследен со страшна **експлоатација и уништување**. Во Африка во историјата имало разни локални држави, дури царства, но не биле многу развиени, а западните освојувачи и Арапите ги разурнувале нивните политички и социјални структури, ги поробувале и, заедно со црнечките поглавици, Црнците ги продавале како **робови** (во Арабија и во Отоманското царство, како и во Јужна и Северна Америка). Автентичните африкански жители се верски асимилирани, негиран им е секаков идентитет.

Страдањата на тој народ беа грозни. Во Јужна Африка, која стана полунезависна република од 1910 година, а независна од 1961, се спроведуваше најригорозна дискриминација на обоеното население, наречена *апархејд* ("одделени во живеењето"), а Црнците беа населувани во посебни зависни краишта (*бантустани*). Силни злосторства имаше во краиштата на германското националистичко владеење, или во огромната држава Конго, која беше приватен посед на белгискиот крал. По Втората светска војна започнаа револуционерни организирања на Африканците, борби со колонизаторите и постапно ослободување на државите. Денес Африка има 40-тина земји, често со граници произволно определени од претходните окупатори, со измешани племиња, така што многу држави се нестабилни или војуваат меѓу себе.

Освен Јужна Африка, нема развиена држава во целиот континент. **Африка е најголемиот светски проблем**. Владее сиромаштија, со голем наталитет и со голема смртност, земјоделството е заостанато и не може да ги исхрани жителите, така што мора да помагаат другите земји и ООН. Инфраструктурата не е развиена, иако се градат пруги и патишта, брани и фабрики. А објектите останати од колонизаторите се запустени или разурнати. Некои земји имаат големи рудни и нафтени богатства (Конго, Нигерија), но слабо ги користат за својот развој, а чести се и огромни граѓански војни и судири и крвопролевања помеѓу ривалските племиња. Има гангстерски банди (дури со малолени деца) кои немилосрдно убиваат и пљачкосуваат. Во Африка има **најмногу болести** - од гладот, од немањето вода, од недостигот на лекари и лекови, од традиционалната запустеност, од ниското образовно ниво на населението - но и од лошите услови; на пример поради мувата Це-це во поголемиот дела од црната (екваторијална) Африка не може да се одгледува стока, од глад умираат милиони секоја година, таму има најмногу болни од маларија (која е искоренета во другите краишта на светот, но сега повторно се заканува да биде пренесена оттаму), најмногу болни од СИДА, сега се разгоре заразата ебола и др. Населението е суеверно, слабо образовано, безработно, родово и племенски традиционално.

Една од **најголемите етички задачи на човештвото** е да вложи огромни напори да им помогне на Африка и на африканските народи да ја совладаат неразвиеноста и да го организираат животот со подобри услови и според помодерни начела. Постои стара **предрасуда** кај другите народи, не ги сакаат или ги игнорираат Африканците. Тоа треба да им отстапи место на заинтересираноста за **помагање** на страдалниците и за нормален човечки прием на Африканците без расизам и без заблуди за нивното божемско "шумско потекло" или "дивјаштво". На тоа се однесува експликацијата на Сенгор за "африканизмот" како идеја и реалност на Африканците.

**Сенгор** е посветен на оживувањето на африканската **културна традиција**. Го истакнува значењето и величината на **"негроафриканизмот**", т.е. на црната боја и дух на Африка, "на идеологијата и физичките и духовните својства на Црнците" (поимот **négritude** тој го рашири во светот, а признава дека прв го употребил во 1932/34-та неговиот пријател поетот од Мартиник **Еме Сезер**, 1913-2008 - познат според изјавата: "На светот нема линчуван страдалник, ниту измачен сиромав во коишто и јас не сум убиен и понижен"). Сенгор вели се интересира за "сите **вредности на цивилизацијата на црниот свет**", која е целина на културни, психички, расни, етички и космолошки вредности, олицетворени во постоењето на афричкиот црн човек, за кого тој смета дека дал придонес кон изградбата на новата цивилизација. За Сенгор оваа концепција повеќе е одбрана и надеж отколку израз на борба и градење. Се потпира врз идеите на

неортодоксниот теолог-антрополог **Пјер Тејар де Шарден** (1881-1955), авторот на книгите "Феноменот на човекот", "Иднината на човекот", "Химна на Универзумот", откривач на т.н. пекиншки човек, кој учеше дека со човечкиот труд и социјализација се создава поврзување во космосот; пантеист, учеше дека човечкиот дух историски се развива. Сенгор ги отфрла од учењата на Маркс атеизмот и насилството, но ја прифаќа теоријата за **отуѓувањето**, со која ја објаснува положбата на црниот роб, кого експлоатациите го отуѓиле од самиот себе, од неговата комунална традиција, културно наследство и начин на мислење, т.е. од Африка. Според Сенгор, идеите на Шарден помогнале да се пронајдат африканските патишта за ново општество и напредување и да се даде свој придонес кон изградбата на **универзалната цивилизација**, "да се социјализираме без деперсонализација и без потреба нешто да отфрлиме од вредностите на негроафриканизмот".

За Сенгор се важни три аспекти за развојот на Африка: приспособување на марксизмот на африканските карактеристики, т.е. водење сметка за африканските традиции, културната традиција и за начинот на мислење и за ставовите на црниот човек; водење сметка за економските услови на африканските земји, кои се земјоделски и главно селски, без капитал и техника; имање свест за социјалната реалност на Африка, во која основна спротивност е јазот помеѓу развиените и неразвиените. Сенгор истакнува дека тој социјализмот го разбира како "усвојување на најмодерната техника, на најрационалното работење и на целосната чесност". За него социјализмот значи "техничка и духовна организација на општеството со интелигенција и со срце". Всушност, тој вели дека бара **африкански решенија**, кои ги поврзува со концепцијата на негроафиканизмот. Моделите на африкански заедници тој ги нарекува *комунитарни.*

Сенгор истакнува дека африканската култура постои 40.000 години. Секоја човечка група изградува свои средства за приспособување на Природата и за адаптирање на Природа кон себе. Има свои средства за изразување, свој јазик. Секоја човечка заедница има "своја, повеќе или помаку богата цивилизација, повеќе или помалку изворна, **според своите карактеристики**". Таа се базира врз човечката енергија, "врз одредена метафизика, врз сообразна онтологија, врз духот како Култура", има обичаи, знаење, работни техники, ликовни уметности и литература... "Таа е **дете на својата раса, географија и историја**, кои ги објаснуваат чувствата, размислувањата и дејствата на секоја човечка група". Црнците имаат свои особени својства, изворна, единствена и незаменлива цивилизација. Дел од нив можат да се најдат и кај другите народи, но не заедно, не така поврзани. "**Негритудата е збир на вредностите на цивилизацијата на црниот свет**, такви какви што се пројавуваат во животот и делата на Црнците".

Затоа е недостојно да се отфрла од *расизмот*, да се негира со божемската црнечка инфериорност - "негритудата е само една **волја да бидеш она што си како би можел да се развиеш**". Тоа не значи одделување од другите цивилизации, Црнците немаат презир или омраза кон нив, туку сонуваат да изградат во *симбиоза* со нив автентичен *хуманизам*, кој би бил создаден "од сите достигања на сите народи на нашата планета". Нашата култура, вели Сенгор, се противстави на предрасудите, подлостите, подбивањето - за да "биде присутна на банкетот на целиот свет". Негритудата беше и орудие на борбата за *деколонизација*. Сенгор потсетува на бројни творци и важни дела кои ги направиле Црнците, од Африка и од американските земји. Истакнува дека големи мислители ги разбрале и ги поддржуваат Црнците, дека никој сериозен повеќе не им ја негира изворноста, не смета дека се плагијатори и дека прават

само лоши копии. Заедно со онтологијата (битието) на Црнците, Сенгор ги објаснува психологијата, философијата и творештвото на Африка: "Црнецот е човек на Природата. Бујната средина во Африка... му дала мошне силна чувствителност... Црнецот е отворен за сите контакти... Тој повеќе чувствува отколку што согледува... Тој сознава со помош на емотивната сила... Тој не сака да го користи предметот (како белецот), туку да му ја дофати смислата... Африканскиот Црнец е интуитивен... И тој и европскиот белец се разумни луѓе, homines sapientes, но не на ист начин". Сенгор истакнува посебно дека Црнецот има развиено чувство за човечка *солидарност* и *соработка*, неговиот дух е наклонет кон *дијалог*. Во уметноста, Црнците ја изразуваат идејата или чувството-сликата, т.е. *симболот*. Не се подражава Природата, Црнецот се интересира за скриената смисла на знакот што се пројавува. Тој сака да го доживее виденото и замисленото, сака да се нурне во егзистентното. Тој не се занимава со детерминизмот на појавата, туку со нејзината целост и со внатрешните импулси. Тој симпатизира и духовно асимилира. "Европскиот ум е аналитичен и дискурзивен преку употребата; афричкиот ум е интуитивен преку партиципацијата". За автентичната поезија на Африка, која е поврзана со митот, но и го изразува актуелниот дух на Африканците, Јасмина Шопова, нашата соработничка во УНЕСКО, има напишано: "Бидејќи уметноста во средиштето на универзумот го поставува сопствениот творец - човекот, црниот човек не гледа во неа само начин на себеизразување, туку и единствена можност за себереализирање. Затоа црнечката уметност не претставува, туку креира... Во тој духовен свет црниот човек живее исто толку активно колку и во материјалниот".

Оддавајќи им признавање на европските интелектуалци, кои го поддржувале ослободувањето на Африка, и на мнозина афроамериканци и негроафриканци, кои со своите дела ја демонстрирале творечката моќ на црните народи - Сенгор изразува уверување дека Африканците ќе знаат да се снајдат во градењето на слободните општества и ќе се вклопат во универзалните процеси на светскиот развиток. Потсетуваме дека **Мартин Лутер Кинг** (1929-1968), колега на Сенгор по учената и другар во борбата за ослободување на Црнците, има кажано: "(Големиот историчар) *Арнолд Тојнби* (1889-1975) во својата *Студија на историјата* вели дека можеби Црнците ќе бидат тие кои на западната цивилизација ќе ѝ дадат духовен поттик, којшто толку очајнички ѝ е потребен за да опстане. Се надевам дека тоа е можно. Духовната сила која Црнците можат да му ја пренесат на светот произлегува од љубовта, разбирањето, добрата волја и ненасилството".

**Кваме Нкрумах** говори за "афричката личност" и оттука ја изведе својата идеја на **консциенсизам** (освестување). Но водачот на Гвинеја **Секу Туре** (1922-1984) и Кваме Нкрумах брзо се приклонија кон идејата за **африканскиот социјализам** според советскиот образец. Тоа беше поблиску до идејата на **панафриканизмот**, која ја разви американскиот поет и социолог **Вилијам Едвард Дибоа** (1868-1963) по Првата светска војна, а во средината на XX век многу је поддржуваа црните мислители и борци од карипските краишта.

Африка страда. Не успеа да развие свој вистински пат. Лоши политички ориентации, неоколонијализмот (кој ги опседнува нејзините простори и богатства), социјалните немири и бунтови, воени пучеви, страшни конфликти помеѓу племињата и верите, геноциди, болести, сиромаштија, глад... не придонесуваат за напредување на африканските народи. Дадени се многу жртви - **Патрис Лумумба** (1925-1961), **Амилкар Кабрал** (1921-1973), **Том Мбоја** (1930-1969)... Уништувањата се константни и, се чинат, неизбежни. Африканците

самите се против себе. Нестивнатиот **неоколонијализам** дивее - за тоа пишуваат многу нови научници и пријатели на Африка, помеѓу кои и младиот социолог **Франц Фанон** (1925-1961), од Мартиник, соработник на Сартр, автор на трогателните книги "Проколнатите на светот" и "Социологија на револуцијата", во кои ги опишува несреќните Африканци во својата борба за опстојба и човечко признавање. Затоа е секогаш корисно да се чуе што мислел и кажувал големиот мислител и поет Леополд Сенгор, еден од оние кои имаа шанса лично да се развијат во современата светска цивилизација, со што се покажуваат потенцијалите на африканските личности, кои се рамни на оние на сите луѓе на светот. Само кога би го нашле својот **негроафрикански пат**! Сенгор потсетува дека негритудата и цивилизацијата на универзалното можат да се разберат само во заедништво со другите луѓе.

**Етички мисли на Леополд Сенгор**

"Сите етнички групи ги имаат, со различни аспекти на разумот, сите човекови вредности, но кај секоја посилно се истакнува еден од тие аспекти и една добродетел."

"Мора да го задржиме афроцрнечкиот метод на сознанието, кон него интегрирајќи го оној со кој се служела Европа во својата историја."

"Жено, запалија ја ламбата на масло и децата, како и нивните родители, нека зборуваат за предците - дозволи ми да ја вдишувам миризбата на нашите мртви, да се потсетам и да го повторувам нивниот жив говор."

"Ние сме во епохата на сечовечка конвергенција. Горди сме што нашиот прилог кон вредностите на цивилизацијата придонесе хуманизмот на XX век да биде почовечен, значи повистински, затоа што го обликувале сите луѓе на нашата планета Земја."

# 89. Дитрих Бонхефер

## СЕКАКО ПРАВИ ДОБРО



Етичарите ги учат луѓето да ги почитуваат добрите животните ставови и начела. Тие предлагаат и правила за добро однесување, ако постоечките не се достатно добри и доволни за живеење достојно за човекот. Но, во човештвото има периоди кога завладува особено лудило, "темни, матни времиња", што води кон криза на однесувањето и кон пропаѓање на човештината. Тогаш етичарите се меѓу првите кои не се согласуваат со тие норми што се стремат кон уништување на луѓето, особено ако се безразложни таквите напади спрема другите. Понекогаш некои групи, народи или раси се "слепи", не гледаат дека прават недостојно зло и ги уништуваат ближните. **Етичарите се исправаат наспроти злото и помагаат да се спасат страдалниците**, кои-годе да се тие. Секој човек е Божје чедо и најдобро е луѓето да живеат и да се крепат сите заедно.

Најлошиот човек во последниот век Адолф Хитлер (1889-1945) со некоја демонска моќ ги раздвижи потенцијалите на германскиот народ со цел да ги зароби сите нации, заслепен да се бори против целиот свет. Тој имаше голема спротива во антифашистите и хуманистите, во модерните народи и водачи, кои не дадоа да победи Злото и успеаја да ги победат разуларените нацисти. Негови противници беа и големите германски научници, кои тој ги избрка или тие избегаа од теророт кој изродот го спроведуваше - Ајнштајн, Томас Ман, Бертолт Брехт, Марлен Дитрих, Карл Јасперс и стотици други. Фанатизираниот фашист имаше и фантастичен **директен противник дома**, во лицето на пасторот Дитрих Бонхефер, кој не го жалеше ни животот за да ги оправда своите етички погледи и љубовта спрема луѓето.

**Дитрих Бонхефер** е роден во 1906 година во Бреслау (Вроцлав). Татко му психијатар и браќата се агностици, но Дитрих студира теологија во Тибинген и Берлин и станува лутерански свештеник. Служи во германската колонија во Барцелона, потоа минува една година во теолошката семинарија во Њујорк, каде што се запознава со познатиот американски теолог Рејнхолд Нијбур. Станува предавач на Берлинскиот универзитет (1931). Кариерата му е прекината во 1933-та. Два дена откако Хитлер дојде на власт, Бонхефер одржа предавање преку радиото (тогаш најсилниот медиум) против нацистичкиот "принцип на општ водач (фирер)"; предавањето е насилно прекинато. Есента заминува како пастор во Лондон за тамошната германска колонија. Јавно ги поддржава Германската исповедна црква и Барменската декларација (1934), Се враќа од Лондон (1935), иако го канеле во САД, сакал да биде со своите верници. Раководи со малиот семинар на Исповедната црква (1937), кој е забранет од нацистите. На Бонхефер му е дадена забрана да предава во Берлин, да проповеда  и, конечно, во 1941, да не смее да пишува и да објавува. Во 1939-та тој се придружи на движењето на отпорот во Германија, кое го поддржуваше контраразурнувачката служба на адмиралот Канарис. Веројатно учествувал во прочуениот заговор за убиството

на Хитлер во јуни 1944 година. Но уште во 1943 година, малку по свршувањето со млада жена, го уапси Гестапо, без јасни сознанија за неговиот отпор, помагање на противниците на режимот и спасување на илегалците. Во септември 1944-та го обвинија дека се откриени докази за неговото учество во неуспешниот атентат. На 8 мај 1945-та е осуден на смрт и идниот ден обесен со Канарис и другите заговорници. На логорските чувари им била пренесена посебната заповед од Хитлер дека Бонхефер не смеат никако да го оставаат жив - бил соблечен гол и обесен со метален тел (само ден-два пред Англичаните да го ослободат тој логор). Последните зборови му биле: "Тоа е крај, но за мене е почеток на животот". Делата пред војната му се: "Заедница на светителите" (1930), "Актот и постоењето" (1931), "Цената на доследноста" (1937); посмртно се објавени "Писма и документи од затворот", неговата незавршена "Етика" и "Отпор и покорност".

Дитрих Бонхефер е силен проповедник и сјаен теолог на **протестантизмот**. Секоја религија говори за Бога и ги следи своите свети книги и Божјите пораки. Зачетникот на протестантското христијанство **Мартин Лутер** (1483-1546), една од најзначајните личности од германската и модерната светска историја, потсетуваше на зборовите на свети Павле (**5-67**): "Праведниот ќе биде жив со верата". Божјата милост ќе се излее врз оној кој ќе ги почитува љубовта и жртвата на Исус Христос. Спасението доаѓа кога верникот ќе си ја потчини волјата на Христа и неговите начела (љуби го Бога, а и ближниот како себеси). Таа основна вистина треба да се покаже и со животот, без никаков компромис, "дури целиот свет - како што велел Лутер - да биде потопен во конфликти и борби, дури и да биде урнат и уништен". Тоа е идеја водителка на протестантизмот, кој е доминантна религија во Германија. Дури и пред официјализираните нацистички притисоци и злосторства, многу протестантски пастори и теолози се противствуваа на Хитлеровата омраза и на нечовечните заповеди, на бришењето на историјата, на прогонувањето на слободноумните творци и на сите кои не мислат исто како Фирерот и Партијата, а за целиот народ идеологот д-р Јозеф Гебелс тврдеше дека сите треба духовно и лично да му се покорат и да го величаат Водачот слично на месија, кој ветува дека на Германија ќе ѝ обезбеди владеење со светот и "царство од 1.000 години". Кој е против, или нацистите не го милуваат - или бегаат во странство, или ги прогонуваат, или ги убиваат, или ги затворат во логорите (во кои првин се затворани Германци, а потоа и сите други окупирани народи, посебно Евреите и Ромите).

Бонхефер е еден од ретките останати интелектуалци, кој активно се противстави на авторитаризмот на Хитлер и неговите крволочни соработници. Тој се противи на фирерството на Хитлер како идеализиран водач на Германците - вели "Ние го следиме Христа!", како и на гонењето на Евреите - вели "Сите сме браќа!" Теологот **Хелмут Тилике** (1908-1985) од Бармен, професор во Хајделберг, во 1940 година јавно ја критикува политиката на нацистите и отпуштен е. Иако по војната станува повторно професор, тој останува и пастор. Напишува "Теолошка етика" (1955), со амбиција да разговара со современиот човек, сака да ја врати Црквата од самоизолацијата и да ја насочи кон земниот живот на човекот, за овој да може да има вера во животот. **Германската исповедна црква** (1933) е создадена како вонредна лига на пасторите, која следеше по прочуениот *Аријски параграф*, со кој нацистите забранија во Црквата да работат луѓе кои немаат чисто расно потекло (неколку колена да немаат Евреин помеѓу предците) или да не се оженети за такви лица. На иницијатива на пасторот *Мартин Нијмилер*, новата организација одбива да

даде поддршка на нацистите (што, инаку, го стори една група пастори) и јавно истакна дека Христос е единствениот Господ на Црквата. Првиот синод на Исповедната црква е одржан во Бармен, каде е прифатена **Барменската декларација** (1934). Во овој значаен документ се вели: 1) Се отфрла секое божествено откровение освен Божјето слово кај Христос, "кое треба да го слушаме, да му се доверуваме и да му се потчинуваме во животот и во смртта"; 2) Нема животни области кои се надвор од власта на Христос (на пример, политиката); 3) Црквата не може "да ја смени формата на своето послание и заповеди, произволно или според некои владејачки идеолошки или политички уверувања"; 4) Црквата не може да се потчинува на нацистичката држава и да го прифати "принципот на фирер (водач)", ниту да воведе други влијателни црковни раководители освен обичните пастори; 5) Се отфрла идејата дека државата има право да ги одземе функциите на Црквата (и да стане "единствениот и општ систем во човечкиот живот") или Црквата да ги шири своите должности и врз државните работи, да "стане државен орган"; 6) Се отфрла идејата дека Црквата може да биде потчинета на световните цели. Иако не успева да стане широко позната и влијателна, Декларацијата значеше силно противставување на нацизмот.

Вратен од странство кон својата паства, Бонхефер знае дека им е потребен на верниците во тие тешки времиња и ги води со верски дела, учења и совети. Ги споделува со нив страдањата. Вели Исус бил со луѓето, па и сега е со нив со верата. Помага и духовно и реално, ги крие ако треба, набавува илегално документи кои ќе им помогнат, ги учи младите, дава помош да ближните, дури и ако не се протестанти. Неговите дела ги храбрат исплашените и ги насочуваат храбрите. Ја велича личноста на Махтама Ганди - вели "Тој може да ни биде пример!"

Има уште многу такви храбри, талентирани и вредни интелектуалци во Европа, кои се бореа против фашизмот, дури и по цена на животот. Прочуениот чешки писател **д-р Карел Чапек** (1890-1938), филозоф и лекар, кој го создаде поимот *робот*, како апарат-суштество кое е создадено од луѓето, но без душа и емоции, но кое ќе се *побуни* и ќе го уништи својот алчен и недоволно умен творец - се крена против законата од нацистите за окупација на неговата земја, држеше огнени говори и ги учеше луѓето да издржат пред таа страшна судбина, кога светот ги остави без одбрана. Беше кандидат за Нобеловата награда за литература, но почина токму пред да ја добие. Големиот писател **Џорџ Бернард Шо** (1856-1950), хуманист, тогаш рече: "Подобро јас да умрев отколку д-р Чапек".

Француската мислителка **Симон Вејл** (1909-1943), од Париз, со највисоко образование, беше убиена во *логор*. Постхумно објавените книги направија од неа значајна личност на современиот хуманизам и религиозна мисла: "Достоинството и милосрдието", "Чекајќи го Бога", "Ропството и слободата" и др.

**Логорите** се посебна тема на *фашистичката* политика и на секоја *диктаторска* власт во модерното доба. Ги имаше во Германија, Италија, Унгарија, во сите фашистички земји, па и во Југославија пред, за време, а и по војната, како што ги имаше во Советскиот Сојуз, Бугарија и во другите социјалистички земји, во Африка, дури и во САД за време на војната, во кои се превентивно затворани граѓани со јапонско потекло (за да не станат шпиони). Цинично, на германските логори на портата пишуваше "Трудот ослободува", парафраза на ставот на протестантите. Во логорите се затворани политички недоверливи личности, потоа припадници на несаканите нации-етноси,

исцрпувани се, казнувани и држани **без судење**, спроведуван е терор на властите и чуварите, а за омразените народи **геноцид** (масовни убиства заради припаѓање на некоја народност). Еден од најзлогласните логори беше во полскиот град Ошвјенцим, *герм.* **Аушвиц** - тамо се убиени и изгорени во печките милиони. Во хуманистичката мисла е кажано дека по Аушвиц (каде човекот го покажал своето *најгрдо* лице), ништо повеќе нема да биде како порано во културата и човечкото живеење.

Дитрих Бонхефер бил значаен **теоретичар на верата**, не само голем морален борец. Тој инсистира на историското откровение со Христос. Тој ги поврзува онтологијата и теологијата како комплементарни дисциплини, кои заедно служат за различните потреби на религијата. Не е согласен со истакнувањето на човековото изделување од себе самиот и од светот, зашто со тоа се задушуваат христијанската религиозност и должности спрема луѓето.

Од писмата од логорот на Бонхефер се гледа дека имал идеја за "**нерелигиозно христијанство**". Тој маченик насетувал концепции кои ќе станат поразвиени во 1960-тите години. Тилике вели" "Бонхефер ни остави пораки како трнци во нашите души, кои треба благотворно да нé возбудуваат". Бонхефер потекнува од семејство кое не било религиозно, а животот го запознал како свештеник. Тој се интересира како да најде допирни точки со современиот човек, кој денес не е близок со старата религија. Од Ренесансата Бог е исклучуван од науката и од етиката, се верува дека овие можат да постојат без верска основа, а сознанието и моралот сепак да се развиваат. И образованието и политиката не бараат поддршка од религијата. Човекот сé поретко се повикува на Бога. Иако прави ужасни дела, како за време на Првата и Втората светска војна, и при колонизирањето на неразвиените народи, луѓето не ја повикуваат религијата на помош, не се враќаат кон верата. Бонхефер вели: "Бог нé пушти да мислиме дека може да живееме и без Него... Пред Бога и со Бога ние живееме без Бог. Господ дозволува да биде истиснат од светот, да остане на крстот".

Затоа Бонхефер го поставува прашањето какво е христијанството денес, што на луѓето им значи Христос. По речиси два милениуми вера во Христа, која стана најраширена на светот, и според териториите и според бројот на верниците, сега кругот на религиозните се стеснува. Насилната држава се подигрува со религијата, ги негира основните христијански вредности - *љубовта* и *милосрдноста*. Бонхофер посочува дека свештениците треба да им се свртуваат на оние кои имаат тешкотии или кои загубиле некој близок. Но, тие нешта не се доволни за христијанската активност. Бонхефер се прашува дали човекот мора да биде религиозен за да биде христијанин.

За Бонхефер е можно "нерелигиозно христијанство", на Исус да гледаме како на Господ на нерелигиозните. Современиот човек не верува во митот, а се сомнева и во самата религија, него го изненадуваат чудата, а исто така и самиот Бог. Човекот треба да научи да говори за Бога на световен начин, а христијанството да го покажува исто така на световен начин. Така треба да ги доживува и Божјите страдања. Бонхефер ќе каже: "Не религиозните практики, туку учеството во страдањето на Господа во световниот живот се карактеристика на христијанинот"

За оваа идеја Бонхофер го следи познатиот швајцарски теолог **Карл Барт** (1886-1968), кој прави разграничување помеѓу стремежот на човекот да го открие Бога во религијата (што може да води и до идолопоклонство) од стремежот на Бога да допре до човекот преку откровение. И Бонхефер укажува дека Црквата прави пропусти со некои професионални дела. Религијата го

толкува Бога како трансцендентен и така на философски начин го прави оддалечен, па спасението почнува да се толкува како бегство во другиот свет, а резултат на тоа е овој свет да ја губи вредноста. Исто така индивидуализмот пречи на верата. Религијата, понатаму, го ограничува христијанството на одредена област од животот, а и оваа се намалува поради сé поголемата секуларизација. Христијаните така се изолираат и стануваат далечни на тешките и болни прашања на реалноста. Во Црквата луѓето се интересираат само за сопственото спасение. Така со помош на религијата се одделуваат од општеството и неговите проблеми. Во светот само се пронаоѓаат нови верници и тие се тука за да бидат одведени во царството на религијата.

Поради тие тревожни аспекти, Бонхефер тежнее да ги врати **Бога и Црквата во обичниот живот** (не само при празничните црковни молитви). Бог би требало да биде во центарот на животот. Иако е трансцендентен, тоа е значи дека е оддалечен од луѓето. "Бог е тука, среде нашиот живот", вели Бонхефер. Затоа христијанинот треба да се научи да го живее христијанството и да говори за Бога на световен начин. Црквата не треба да се нурнува во своите грижи, туку да му служи на светот. Таа треба да го следи примерот на Христос, кого Бонхофер го определува како "човек за другите". Според Бонхефер, христијанинот и натаму би требало да говори за Бога и да се моли, но тоа малку би било на личен план. Не знаеме како ја замислувал точно оваа концепција, но секако станува збор за религија според современите услови и цели.

Се разбира, свештеничката практика е основна задача и размисла на Бонхефер. Но интересна е една негова критика на верската реалност. Тој во иронија вели дека е можно да се даде опрост на гревовите без покајание, крштевање без црковни правила, причастие без исповед - некои се заложуваат и за такви постапки. Тоа Бонхофер го нарекува "прости благодатти". Меѓутоа, вистинска благодат е следење на Христа, што му дава на човекот единствено можен живот и го осудува гревот. Позицијата на Бонхефер не е само на добра личност, загрижена за другите луѓе, туку на свештеник, кој го следи учењето на Христос и се истакнува со своето дело како религиозен предводник. "Ако благодатта е Божји подарок на христијанскиот живот, тогаш не може ни за миг да се отклонуваме и да не го следиме Христа". Достојно на христијанството не може да се живее ако се верува дека може да се прави сé со надеж дека Господ ќе прости. Бонхефер прави добро, и во невозможни услови, покажувајќи дека и покрај сé **може и мора да се прави добро ако се верува**.

Малкумина кај нас знаат за Дитрих Бонхефер, далечните херои и добродетелни луѓе понекогаш се заборавени или за нив не сме училе - тие го прават доброто заради доброто и заради својата етичка должност. Со овој текст се надеваме дека читателите ќе научат за **еден од најголемите модерни мофалсти**, дека да се биде морален тоа значи да правиш добро и во најтешки услови и секако, ако треба и со животот, да им помагаш на оние на кои помошта им е потребна.

**Етички мисли на Дитрих Бонхефер**

"Прави го и сподели го она што е исправно!"

"Храбро соочи се со реалното, не се двоуми што би можело да биде!"

"Не летај со мислите, туку прави нешто за слободата!"

"Слободо, долго се мачевме за тебе дисциплинирано, со дела, страдајќи, сега кога умираме те гледаме и те знаеме точно каква си!" (крај на стихотворбата на Бонхефер по затворањето "Стапки на патот кон слобода" - Самодисциплина, Акција, Страдање, Смрт)

# 90. Рејчел Карсон

## НОВ ВИД ХЕРОЈСТВО



Храброста е една од главните добродетели. Но, ако се разбира само како докажување наспроти другите луѓе, таа има ограничена димензија на т.н. машкост, "машки" морал. Во Антиката ја сметаа за една од основните 4 добродетели. Сепак веќе постарите етичари укажуваа дека храброста е особен вид однесување наспроти другите, чување на себе од другите, а не насилничко манифестирање на својата сила (рицарите-трубадури имале задача да ги бранат слабите и жените). Од друга страна, човештината, високата хуманост непосредно би значела чување на другите од себе. Така кажуваше црногорскиот етичар **Марко Миљанов** (1833-1901). Небаре се навестуваше нов бран на човечки дилеми и постапки. Во новата епоха на човештвото се појавија различни *нови видови храброст* и *ново херојство* - како што се дрското пробивање на патиштата во модерното творештво, или одбраната на самодостоинството и на животите и достоинството на другите луѓе пред страшните закани на социјалните диктатури или на колонизациите, или невиденото неочекувано проникнување во сферите на науката и во производството, во психологијата и во етиката, или херојството при новите огромни брзини и при испитувањето на космосот. Стравовите се човечка реалност, која нé стега во душата и нé ни дава да се истакнеме во човештината, ни ги одзема енергетските делови за јуначење. Односно, ни ја скротува нашата чувствителнст и ни оневозможува да ги сториме неопходните нешта. Со добрината ги истакнуваме нашата човечност и херојство. Со новите видови херојско однесување го градиме единствениот свет на луѓето.

Значајно е гледиштето на новите хуманисти, како **Штефан Цвајг** (1881-1942), кој во своите популарни дела претстави многубројни етички аспекти на човечкото живеење, а исто така и животи и погледи на разни етичари (Еразмо, Толстој, Ганди...). Овој храбар бранител на општочовечкото поврзување, кој од протест се самоуби пред разгореното насилство во светот и потресен од првичните успеси на Хитлер да завладее со Европа, укажува дека **единствениот хероизам на земјата е оној кој не бара туѓи жртви**. Една од најзначајните вакви нови појави на храброста и херојство е **соочувањето на луѓето со своето негативно дејствување врз Природата**, согледбата на тешките последици од таквата негрижа и поттикнувањето да го сменат своето однесување. Пионер на таквото храбро размислување и поведение е Рејчел Карсон, која ја иницираше современата еколошка свест и акција - а исто така даде инспирација да се размавне и нов вид морално мислење, т.н. "женска етика".

**Рејчел Луиз Карсон** е родена во 1907 година во американската држава Пенсилванија, како најмалечко девојче во четиридетно семејство. Израснала

покрај реката Алегени на имот од 260 декари со густа шума. Самата кажува дека била осамено детуле, кое се интересирало за природата, а времето го минувало изучувајќи ги птиците, инсектите и цвеќето. Заради болест долго време останала дома, но слабото девојче читало страсно и учело со голема желба. “Реј“ Карсон се определила да биде писателка и уште како дете објавувала во списанијата за деца. Потоа студирала литература на женскиот колеџ во Питсбург. Таму започнала да учи **биологија**, што ѝ донело нова ориентација во животот. Велела дека биологијата кај неа го разбудила **чувството за волшепства**, под што таа секогаш го подразбирала природниот свет (слично говореше и Емерсон). Дипломирала во 1929 година со одличен успех. Летната практика во една поморска лабораторија ја поврзала со океанот, во кого открила голема мистериозност. Добила стипендија за прочуениот универзитет “Џон Хопкинс“ во Балтимор, а по магистрирањето во 1932 година станала асистент по зоологија на Универзитетот во Мериленд.

Откако умреле татко ѝ и сестра ѝ, Рејчел се грижела за семејството. Нашла работа во Бирото за риболов во Вашингтон и пишувала куси радиоемисии за морскиот живот. Откако одлично го положила државниот испит, станала *државен биолоī за водениоӣ свеӣ*. Самата велела дека сѐ започнало со нејзиниот научен и истовремено лиричен текст за животот во морето, под наслов “Под морската површина“. Тој материјал го проширила во книга “Под ударите на морскиот ветер“ (1941). Потоа ја објавила книгата “Морето околу нас“ (1951), кое било бестселер во текот на 81 седмица. За ова дело освоила многу награди, а преведено е во десеттици земји. И во следната книга за морето (1955) таа ја објаснува физиката, геологијата, хемијата и биологијата на океанот и на неговите брегови. Во нив научните согледби се проникнати со поетски описи. Тие книги остануваат траен придонес на Карсон кон естетиката на морето и културата на човечкото однесување спрема големите природни појави и простори.

Во 1958 година нејзиниот приватен резерват за птици во државата Масачусетс е опустошен со **ди-ди-ти**, кога било прскано против комарците. Карсон одамна ги знаела големите опасности од употребата на хемиските отрови; уште во 1945 година предупредила на заканата од *ди-ди-ӣи* за живиот свет, но списанијата не ја прифатиле нејзината статија. Сега решила да почне да **зборува посилно**, зашто “инаку не ќе имала спокојство“. Ди-ди-ти (ДДТ, дихлоро-дифенил-трихлоретан) е хемиски препарат, создаден непосредно пред Втората светска војна. Под влијание на славата на новиот лек *ӣеницилин* и заедно со ентузијазмот од победата над фашизмот, и овој препарат е сметан за волшебен. Како силен инсектицид, тој лесно убива бубачки кои го напаѓаат човекот (вошки, комарци) или ги јадат посевите. Целиот свет го величаше новиот препарат. Тој навистина донесе многу промени, пред сѐ спаси мнозина од тифус и од маларија и овозможи да се зголемат приносите од житарките. Пообемната храна (заедно со другите агрикултурни, хигиенски и здравствени мерки) влијаеше врз порастот на населението, така што денес на Земјата има преку 7 милијарди жители наспроти 1 милијарда пред едно столетие. Но, ди-ди-ти во себе имаше проклетство. Се откри дека тој е **страшен отров** за човекот и за секое живо суштество. Тоа убиствено влијание - но и со големи **генетски последици!** - е спротивно на благородната намера тој препарат да ги ослободи луѓето од здодевните и опасни инсекти. Карсон беше свесна за противречноста помеѓу оваа нова животна опасност и стремежот за зголемени земјоделски приноси и добивка, заради кои земјоделските производители можат да бидат индиферентни спрема последиците од искористувањето на хемиските препарати.

Министерството за земјоделие на САД дури препорачувало масовно да се употребуваат *хербициди* (поим создаден во 1930-тите години, за да ги означи препаратите за "уништување на лошите треви") и *пестициди* (поим создаден во 1950-тите, за да ги означи препаратите кои ги убиваат непотребните и штетни суштества - инсекти и растенија).

Рејчел Карсон ја проучи употребата на милиони тони пестициди во Америка и во Европа. Во 1962 година таа ја објави книгата "**Замолчана пролет**", историско дело на **новата етика**. Во книгата таа опиша едно малечко американско место, каде што изгледало дека животот е хармоничен, но каде што прскањето со новите отрови изменило сѐ: "Беше страна тишина. Неколку птици, кои инаку летаа насекаде, сега имаа треска и не можеа да летаат. Тоа беше пролет без глас. Во мугрите немаше повеќе хор на птичји гласови, немаше никаков звук; само тишина царуваше над полињата и шумата". Во книгата таа покажа како ди-ди-ти и другите слични материи, од кои некои се и поотровни, го напаѓаат кревкото тело на сите живи суштества, па и на човекот. Карсон го обвини човештвото дека не внимава на Природата и укажа на неопходноста да се воведе **биолошка контрола** при борбата со инсектите и со плевелот. Во таа борба "основно ќе биде разбирањето и на живите организми, и на сиот животен систем на којшто тие му припаѓаат". Неразумното однесување на луѓето во биосферата може да доведе до **самоистребување**. Во делото Карсон даде низа факти за апсолутното уништување на животот во безброј реки и езера, како и за труењето на птиците и на другите животни во големите области на САД. Посочи и на лошите генетски импликации врз човекот, што претставува грозна опасност со несогледиви последици (тие проблеми не можеме лесно да ги согледаме кај човекот, бидејќи една генерација изнесува 25-30 години, така што оттогаш досега се случени 2-3 човечки генерации и не можат да се видат генетските импликации врз човечкиот вид и биолошка структура).

Делото "Замолчана пролет" брзо стана **светски хит**, поттикнувајќи бројни дискусии. Производителите на хемиските препарати се обидоа да ги дискредитираат авторката и книгата, нарекувајќи ја Карсон "хистерична жена", без квалификации да пишува такво дело; критичарите сметаа дека таа ги "поедноставува нештата и погрешно заклучува". Меѓутоа, во 1963 година Советодавната научна комисија на младиот умен Претседател на САД **Џон Кенеди** (1917-1963) основа специјална поткомисија за испитување на пестицидите (во светот **прва етичка комисија за биохемиската област**). Направените истражувања покажаа дека Карсон има право и во американскиот Парламент е забранета употребата на ди-ди-ти. Тоа беше **првата вистинска успешна еколошка акција** на светот. Во 1964 година од рак умре Рејчел Карсон како почитуван херој на новата свест и дејност за подобрување на положбата во Природата.

Во новата епоха **Природата е нападната широкострано**. Човекот ги исцрпува нејзините ресурси, ги валка водите, воздухот и почвата, претерува со греењето, уништува растенија и животни, невнимателен е при развитокот на индустријата и на другите форми на дејствувањето и на живеењето, кои ја загадуваат животната средина. Карсон **поттикна нов дух кај луѓето** за да ги согледаат негативностите од своето дејствување, да изберат правилен животен пат и да се определат за постапки кои нема натаму да го загрозуваат живото постоење на Земјата. Тоа е **вистинско современо етичко однесување**.

Карсон предупреди дека идејата за "*покорување на Природата*" (која од Ренесансата и заедно со развојот на науката и техниката е раководна идеја кај луѓето) е арогантна фраза, плод на "неандерталската епоха на биологијата и

философијата, кога се мислеше дека Природата постои заради удопство на човекот". За Карсон проблем и несреќа е што науката го вооружува човекот со толку силни оружја и средства, со кои, насочувајќи ги нив против здодевните и опасни инсекти, **човекот истовремено ги загрозува Земјата и своето живеење**. Карсон загрижено укажа дека луѓето живеат во свет со премногу труење и крајно уништување.

Во "Замолчаната пролет" Карсон пишува: "Тврдам дека хемиските инсектициди никогаш не треба да се употребуваат. Ние сме дале отрови и силни биолошки хемикалии на луѓе кои целосно или во голем степен не се запознаени со нивните потенцијали да повредуваат и уништуваат. Тие отрови ги направивме достапни за многу луѓе - без нивна согласност и често без нивно знаење... Сме дозволиле хемиските препарати да бидат употребени со недоволно или со речиси никакво претходно испитување на нивните ефекти врз почвата, водата, дивиот свет и врз самиот човек. **Не верувам дека идните поколенија ќе ни го простат недостигот на вистинска загриженост за целината на Природата, која е основа за нашиот живот**".

Карсон не беше милитантна, туку суптилна и тивка личност. Таа само **храбро** се крена против трагичните состојби, крајното незнаење и катастрофалната невнимателност на луѓето. Таа прва херојски покажа дека прогресот на луѓето не може да се спроведува на сметка на животната средина. Со голема љубов ја опишуваше Природата и на луѓето им всади вредности за поцелосно разбирање на природната реалност и процеси.

Особено е важно што со идеите и етичките норми на Рејчел Карсон се појави еден нов етички феномен - т.н. **женска етика**, која во моралот ги вградува и развива оние димензии на разбирањето на доброто и на исправното постапување за кои се верува дека ѝ припаѓаат на душата на жената. Идеалите на таа етика се животот и опстанокот; главните вредности се вчувствувањето, разбирањето и топлата практичност; нормите ја истакнуваат загриженоста и грижата, свртеноста кон реалните животни проблеми, а се однесуват на блиските и на ближните, на повредените и на несреќните, на длабоките трауми во Природата и во животот на луѓето. Во практична смисла, ваквата етика се разви неколку години по Карсон со првото големо движење за одбрана на животната средина, наречено "**Зелените**", кое во најиндустријализираната и хемиски најзагадена земја на Европа (тогашна Западна Германија) го осмисли и предводеше уште една херојка на новата храброст - **Петра Кели** (1947-1992).

Оттогаш сѐ повеќе жени од областа на философијата и науките се посветуваат на истражувањето на човечкото однесување спрема Природата и ги развиваат идеите за заштита на животната средина и човечката опстојба. Наместо **антропоцентризам**, како концепција која сите прашања и главната цел на човечкото мислење и постапување ги концентрира врз човекот и неговата посебна опстојба, завладеа концепцијата на **биоцентризам**, која ги насочува луѓето кон внимавање и чување на сите живи суштества, а сега е сѐ помодерна концепцијата на **физиоцентризам**, со која целината на постоењето, сите видови постоење, и природните и материјалните, стануваат предмет на човечкото интересирање и загриженост, или на **геоцентризам**, со сконцентрираност врз прашањата за суштината на Земјата како наш животен дом, со објаснувањето дека таа како целина е специјален жив огранизам со име "**Геа**" (GAIA, што како поим, инспириран од старохеленската божица на Земјата, го востанови астрономот **Џејмс Лавлок**). Треба да имаме особени сознанија за ранливоста на Природата-Земјата и за неопходноста да ја сакаме и чуваме планетата. Се развива **еколошка етика**, планетата се нарекува еуфемично **Мајка Земја**, ООН

прогласи нејзин светски ден **22 април**, се тврди дека мора да внимаваме на загадувањето за да ја вратиме Природата "во добра состојба на идната генерација, од која сме ја позајмиле" и сл. Од 1970-тите години се јави и сѐ повеќе се развива и **биоетиката**, како особена форма на етиката посветена на оценувањето на човечкото однесување во биолошките области (Природа, здравје, животна средина, болести, научни истражувања, технички иновации, зависности, особено наркоманија...) и на чувањето на природните ресурси. Таа етика е блиска во духот на "женската етика", која денес најобразложено ја развива и брани професорката **Керол Гилиган** (р. 1936), која истакнува дека со векови сме ги слушале гласовите на мажите, а дека од скоро може "да се чуе поинаквиот глас на жената, во којшто лежи вистината на етиката на грижата".

**Биоетиката и еколошкото движење се најзначајните етички димензии на современиот свет**. Сето тоа започна со идеите и борбата на Рејчел Карсон за вредноста на живата природа и за достоинството на живите суштества. Таа покажа колку е неопходно човекот да се соземе и да не прави непростливи грешки, кои ја уништуваат Природата. Нѐ демнат топлотна климатска криза, ширење на озонската дупка, која нѐ ги спречува смртоносните ултравиолетови зраци да создаваат рак кај луѓето, губење на слатката вода, ширење на пустините, труење на почвата, опаѓање на создавањето на кислород и други тешки природни состојби... Карсон јасно го идентификуваше големото зло на современиот свет - неговото внатрешно *самоуништување* во природна смисла. Со морална сила на пророк и со храброст на етички рицар Реј Карсон се застапуваше за промена на начинот на човечкото живеење и однесување. По нејзините дела и идеи за доброто, светот тргна во друга насока. Или, поточно кажано, секако треба да тргне, ако ја послуша поуката за **вистинското херојство на луѓето** - луѓето треба да се контролираат себеси, да не ѝ нанесуваат штета на Природата и да не го повредуваат животот, да ги чуваат другите луѓе, да се грижат за сите живи суштества околу себе, за сиот природен свет и за самите себе - онака како што мајките мислат за своите деца и се грижат за нивно добро. Тоа е новото нужно херојство на човекот и човештвото.

**Етички мисли на Рејчел Карсон**

"Човекот е дел од Природата и неговата војна против Природата неизбежно е војна против самиот себе."

"Јас се обидов да ја спасам убавината на живиот свет."

"Имав света обврска да го сторам она што можев - ако не го направев тоа, јас не ќе можев повторно да бидам среќна во Природата."

# 91. Симона де Бовоар
## СМИСЛАТА НА ЖИВОТОТ Е ВО НАС



Философите, како и сите луѓе, обично имаат блиски другари. За етичарите *пријателството* е една од најголемите вредности, а неколку од најзначајните философи на моралот (Аристотел, Кикерон, Монтењ, Ками...) истакнуваат дека без пријателите човекот е осамен и дека пријателствувањето му дава шанса на добриот човек да се истакне во моралот, сакајќи да се покаже пред својот близок во најдобра светлина. Меѓутоа, има малку брачни двојки во философијата, кога двата члена се мислители, најнапред зашто философите често се осаменици и не стапуваат во брак. Двојки научници има - **Пјер Кири** (1859-1906) и **Марија Склодовска-Кири** (1867-1934), физичари и хемичари го открија *радиумот* (1898) и ја споделија Нобеловата награда (1903); таа дури беше прва жена на светот шеф на универзитетска катедра (1906) и прва личност и една од ретките која највисоката научна награда Нобел ја има добиено два пати (1911).

Затоа е забележана двојката **Жан-Пол Сартр**, најпознатиот француски философ кон средината на XX век, со неговата другарка **Симона де Бовоар**. Тие 51 година имаа прекрасна врска. Нивното духовно дејствување ги поврзуваше и ги инспирираше во нивното одделно творештво (не напишаа ништо заедно, иако целиот живот беа заедно речиси секој ден, се поддржуваа во работата и се сакаа и почитуваа - споделуваа сé). Денес се случи нешто неверојатно, што говори за промените во светот и за **новото место на жената** во културата и во творештвото. Имено, делата и идеите на Симона де Бовоар се меѓу најбележитите во современата светска духовност, дури се *попопуларни* од трудовите на Сартр. Светот ги сака и почитува нејзините размислувања, се инспирира од нив и ги следи, де Бовоар е една од оние жени-етичари кои ѝ дадоа белег на новата ера.

**Симона де Бовоар** е родена во Париз во 1908 година. Дипломирала философија на Сорбона (1929). Во 19-та година запишала: "Не сакам во животот да му се покорувам никому, освен на самата себеси". Уште од студентските денови е пријателка со Жан-Пол Сартр, блескав млад философ и писател, кого го оценува како "сродна душа, за кого открив дека топло ги споделува сите мои страсти; нему би можела секогаш да му раскажам сé". Не живееле во ист стан, но секоја вечер се дружеле, разговарале, ги споделувале идеите и многу патувале заедно по светот. По кусо време учителствување во гимназија, таа (како и Сартр) одбира слободна писателска професија. Била уредник во списанието "Модерни времиња", со Сартр учествувала во сите позначајни културни и политички настани во Франција. Пишува повикувајќи се на сопственото

искуство и лично ги проучува проблемите. Ги анализира важните прашања на современиетоа и вдахновено и мошне уверливо, со убав стил, ги изнесува своите ставови. Пишува *романи* "Гостинка", "Мандарини", "Убавите слики" и "Раскината жена", *автобиографски* текстови "Спомени на добро воспитаната девојка" и "Церемонија на разделбата", *философски* и *социјални* текстови: "Двојството на моралот", "Вториот пол" и "Староста", *драми* и *патеписи*; во секој жанр може да се изложуваат видувања за животните реалности и за човечките проблеми. Почина во 1986 година, оценета како "вистинска хероина во историјата на жената".

Една философија го заплисна светот кон првата третина и кон средината на XX век. Светот ја очекуваше со страст и со интересирање, бидејќи на човекот му кажуваше што му се случува и какви проблематични ситуации го очекуваат. Во прашање беше тематиката на **егзистенцијата** (*лат. - постоење*, конкретно живеење). Уметноста тогаш чекореше кон творечки слободи, но луѓето во секојдневното живеење, во работата, во политичките позиции беа застрашени и потресени од случувањата, кои носеа смрт и болести, ако престануваа едните се заменуваа со полоши, проблемите прогресивно се зголемуваа. Во Првата светска војна (1914-1918) имаше многу мртви, иста така разочарани и духовно растревожени, душите на луѓето се потресоа од насилството и страдањата, од фрленоста на човекот во бесмислени ситуации и огромни тегоби, од апсурдноста на живеењето и од безизгледноста на иднината, а очекуваа дека XX век ќе им донесе слобода и радости (трагедијата на луѓето убаво ја опишува уште насловот на романот "На Западот ништо ново!", 1929, од *Ерих Марија Ремарк*, 1898-1970). Во последователните регионални конфликти и војни загинаа уште толку низ целиот свет, а за мнозина никој не ни знаеше. Во Втората војна (1936-1945) умреа педесеттина милиони, а атомската бомба се закани да го уништи човечкиот род. Индустријата убиваше душа, тело, свест, љубов, кризите изгладнуваа милиони. Стотици милиони беа под туѓа доминација и жртви на кризи и терор. Новите авторитарни режими управуваа милиони, прогонувајќи ги сите за кои мислеа дека не им требаат. Насекаде милиони жртви, страдања, неизвесности, дури радостите се претвораа во тажни појави и духовно тревожење. А богатите имаа празни души. Ретко кој се чувствуваше слободен и исполнет со хуманизам.

Во таа нова философија како *етика* имаше бројни способни мислители, кои настојуваа со разни литерарни средства (философски расправи, романи, драми) да ги објаснат **стравот** и постојаната **загриженост** на личностите. Тие длабоко ги чувствуваа неволјите како и мнозинството луѓе. За човекот во новата епоха се карактеристични неговите **јанѕи** и **несигурност**. Философите ги испитуваа тешките последици од човековиот развој и живеење и создадоа особена размисла за бесмислата и тешкотиите во човечкото постоење, за талкањата и за налудничавите насоки на човечкото движење. Тој философски правец во Западна Европа се појави во 1920-тите години најпрвин во Германија, а подоцна и во другите европски земји, а за време на Втората светска војна стана уште попопуларен, а по војната, во Франција, во Париз, речиси мода и **култура на живеењето**. За тоа придонесе многу антрополошката, психолошка и критичка свртеност на оваа мисла. Општата **разочараност** од прогресот и од кризата на европската цивилизација ги потресе сфаќањата на луѓето и предизвика *песимистички* мисли кај луѓето. Предвесници на оваа философија се *Сорен Киркегор* (1813-1855) и *Фридрих Ниче* (1844-1900), кои ја покажаа поврзаноста на философијата со егзистенцијата на човекот. Големо влијание извршија и писателите со критичка и философска конотација *Фјодор*

*Достоевски* (1821-1881) и *Франц Кафка* (1883-1924), со своите трагични видувања на човечките судбини во модерната епоха. Од новите духовни правци, силно беше влијанието на создавачот на психоанализата *Зигмунд Фројд* (1856-1939), како и на новиот метод феноменологија на *Едмунд Хусерл* (1859-1938).

Една гранка од тие размисли е наречена **философија на егзистенцијата**, како своевидна реакција во однос на позитивизмот и неговиот оптимизам во науката, како разочараност од техниката и сомнеж во просперитетот и хуманоста на индустриското општество. Овој правец се занимава со **единичната егзистенција** на човекот и со неговото место во светот. Се истакнува разнебитеноста кај човекот и неизвесноста од светот во којшто живее, кој го збунува и плаши, има многу сомневања, опкружен е со опасности. Се чувствува *оставен* и *осамен*, упатен е на самиот себе, без никаков сигурен темел за постоењето, а истовремено има одговорности, што произлегуваат од слободата што ја има. Оваа философија егзистенцијата на човекот ја сфаќа како *посебна специфична форма на постоењето*, кое се разликува од постоењето на другите нешта во светот. Пред сé, човекот е единственото суштество кое **свесно се однесува кон своето постоење**. Но, човековата личност не може до крај да се разбере научно и рационално. Карл Јасперс вели: "Оној кој мисли дека може да проникне во сé, тој повеќе не философира. Кој научното знаење го смета за сознание на битието како такво и за сознание на целото битие, тој влегол во еден вид научна празноверица. Кој повеќе не се зачудува, тој повеќе не прашува. Кој повеќе не знае ниедна тајна, тој повеќе не ја ни бара... На границите на знаењето се покажува нешто што не може да се знае".

Човекот има **слобода на избор**, неговото постоење е неповторливо, конечно. Основните својства на човековата егзистенција, наречени **егзистенцијалии**, се индивидуалноста, индетерминизмот, историчноста. За да проникне во егзистенцијата и во нејзината срцевина и сушност, оваа размисла се служи со поимите: очај, загриженост, страв, тегобност, јанsа, страдање, мачнотија, пораз, пад, закана, проклетство, здодевност, апсурд, смрт, ништожност... Егзистенцијалната ситуација на човекот во светот се опишува како еднократна, неповторлива и особена.

Претставници на **философијата на егзистенцијата** се **Карл Јасперс** (1883-1969), **Габриел Марсел** (1889-1973) и др. Јасперс првин бил психијатар; од огромниот број дела најпознати се: "Духовната ситуација на времето" (1932), "Философија на егзистенцијата", "Атомската бомба и иднината на човештвото". Тој разликува три темелни области на философирањето кое е *трансцендирање* ("преминување преку") на објективно даденото: философска ориентација, осветлување на егзистенцијата, и метафизика. Неговата основна теза е дека егзистенцијата е небаре *остварување на вечноста во времето*. Таа не може објективно да се сознава, т.е. да се мисли за неа, самата егзистенција е секогаш воздржување пред неискажливото.

Највиден претставник на правецот кој се нарекува **егзистенцијална философија** е **Мартин Хајдегер** (1889-1976), еден од најпознатите светски философи, чија најзначајна книга е "Битието и времето" (1927). Тој се запрашува за битието. Испитувањето на егзистенцијата (која е во времето), т.е. на самата човекова опстојба (*герм.* Dasein = "битие кое е тука, излезено на виделина"), е подготовка за прашување на самото битие (Sein). Да се мисли тоа што е битието може само ако човековата суштина се промислува како *ек-*систенција, т.е. како отвореност за вистината на битието како "дом" на битието. Хајдегер посебно ги испитува и објаснува категориите на проблематичното човеково постоење во современата епоха - загриженост, дело, смрт итн.

Третата варијанта на овој философски правец е **егзистенцијализам**, со најзначајните претставници **Жан-Пол Сартр**, **Морис Мерло-Понти** (1908-1961), **Симона де Бовоар**, тука го приклучуваат и **Албер Ками** (1913-1960).

**Жан-Пол Сартр** (1905-1980) е роден во Париз (дедо по мајка му е чичко на Алберт Швајцер). Рано останал без татко. Учел во елитна гимназија и на Сорбона. Бил кусо време професор во гимназија, па заминал на 3-годишна специјализација кај Хусерл. Бил во германско заробеништво и член на Движењето на отпорот. По војната му понудиле да биде професор на најзначајниот француски универзитет Колеж на Франција, ја отфрлил поканата, зашто сметал дека така ќе се зароби со старите идеи кои треба да ги предава, сакал да пишува свои книги. Добил Нобелова награда за литература (1964), но е единствениот кој одбил да ја прими, останувајќи доследен на своите критички уверувања спрема буржоаската култура. Создавал *проза*: "Тегобност" (1938) е најпознат егзистенцијалистички роман, "Ѕид" (1939) се раскази за страдањата и доживувањата во Шпанската граѓанска војна, "Патишта на слободата" се тритомен роман, и *драми*: "Муви" (1943), за моралните дилеми во односите меѓу луѓето, ги повикува на отпор против окупаторот, "Зад затворената врата" (1944), за односите помеѓу луѓето во пеколна атмосфера, во која духовно се тормозат, "Валкани раце" (1948), за политичкиот неморал во партиските односи и, посебно, кај водачот, "Ѓаволот и добриот Господ" (1951), за дилемите на голем војсководец, кој првин е зол, па многу добар, па ги согледува дилемите на моралот, што самиот ги доживеал, "Затворениците од Алтона" (1960), за современите капиталисти; драмите имаа *светска слава*. Има објавено многу *философски* расправи, од кои "Битието и Ништожноста" (1943) е најпозната егзистенцијалистичка книга, "Егзистенцијализмот е хуманизам" (1946), "Што е литературата?" (1949), за проблемот на ангажираноста во уметноста, "Критика на дијалектичкиот ум" (1960), едно ново видување на марксизмот, збирка на своите текстови "Ситуации" (во 10 книги), *автобиографски* текст "Зборови", како и анализи на *писателите* Бодлер, Флобер (на 2.400 стр.), Жан Жене и др. Во списанието "Модерни времиња" (кое го основа со група пријатели, а така е наречено според филмот на Чарли Чаплин) развива исклучителна критичка активност, ги поддржува сите страдалници и опоненти на власта; зема учество во студентските бунтови (1968/69) и бил прв директор на дневникот "Ослободување (Libération)" (1972), за да им помогне на новинарите да излегува. Силно ги критикуваше капитализмот, Америка, империјалистичките војни и секој вид колонијализам и експлоатација. Беше еден од членовите на Меѓународниот Раселов суд против војната во Виетнам.

Жан-Пол Сартр ги критикува и материјализмот и идеализмот, кои не можат да ги објаснат релациите суштествени за човекот. Материјализмот ја објаснува релацијата човекот-светот како однос на субјектот со од него независниот објект, човековата свест е одраз на законите на материјата. За Сартр тоа е самоизмама, се прикрива фактот дека човекот е апсолутно слободен. Идеализмот, пак, оваа релација ја смета како идентитет на свеста и реалноста, го сокрива постојаниот судир помеѓу свеста и реалноста.

Сартр ја сфаќа **егзистенцијата како она што ѝ претходи на есенцијата**. Тоа е радикален пресврт. Традиционално философијата ја претпочитуваше *есенцијата* (суштина) и сметаше дека таа ѝ претходи на *егзистенцијата* (постоењето), која е материјализирање на есенцијата во реалноста. Според Сартр, човекот најпрвин постои, тоа е напред, тоа претходи, а потоа, како што живее, се развива и умира, се определува неговата суштина. Во романот "Тегобност" Сартр ни го опишува главниот јунак Рокантен како ја сознава

својата егзистенција во миговите на вдахновеност, размислувајќи за коренот на едно дрво што го набљудувал. Сартр картезијански изјавува: "Ме фаќа ужас од постоењето - значи, постојам". За парадоксот на личното постоење и денес зборува мотото на овој популарен философски роман: "Тоа е момче без некоја општа важност, всушност само една единка".

За Сартр, "**човекот е одговорен за тоа што е**". Во неговото главно стручно дело "Битието и Ништожноста", основниот однос е помеѓу *битието-по-себе* и *битието-за-себе*. Битието-по-себе е сета реалност, освен човекот, кој е битие-за-себе. Начинот на нивното постоење ја прави разликата помеѓу предметите и човекот. Предметите се материјални, тешки, цврсти, масивни, валкани и троми, тие даваат отпор и немаат никаква смисла. Човекот со свеста како битие-за-себе *ја определува смислата на постоечкото*, на нештата, на битието-по-себе. Човекот како егзистенција е во постојано менување и развивање, насочен е *кон иднината*. Тој не може да се дефинира што е. Само може да се рече за човекот дека е *она што не е и не е она што е.* Откако ќе умре и ќе стане битие-по-себе може да се каже за човекот што е, тогаш престанува да биде она што бил. Во битието-за-себе се појавува недостаток, *ниш*то. Тоа е важно за човекот, бидејќи е над битието. Ова откривање на ништожноста значи извор на вредностите, кои произлегуваат од основната човекова побуда што сака да ја оствари - а тоа е *синтеза на свеста и битието*. Човекот има желба да има апсолутна егзистенција, во која ќе биде исклучен недостатокот, за со тоа да стане Бог. Сартр вели: "Ако Бог постои, тогаш човекот не постои; едниот со другиот се исклучуваат".

Така Сартр ја изложува својата главна тема СЛОБОДАТА. Сартр открива дека во човекот ништожноста го надминува битието - тоа се изразува во слободата, која се открива низ чувството на уплав, "кога човекот доаѓа до свест за својата слобода". Самиот страв е начин на постоењето на слободата. *Човекот е осуден да биде слободен*. Всушност, **човекот е слобода**. Сам во светов, без Бога, напуштен и без да е поврзан со нешто како Битие, тој ја остварува својата смисла со дела. Според Сартр, човекот е она што "самиот од себе ќе направи со својата дејност". Каков ќе биде човековиот живот зависи од него: со смисла или бесмисла, тој самиот е одговорен за тоа како ќе се определува, како ќе се ангажира. За слободата да не остане празна, човекот мора да ја исполни со правење планови, проекти во ситуациите во кои е фрлен. Човекот **мора да избира**, тој е осуден на тоа да избира. Ставен е пред многу можности, мора да ја прифати одговорноста за она што ќе се случи, како и за ризикот на своето постоење. Зад секоја постапка се крие ризик, заради безброј непредвидени опасности кои човекот постојано го изложуваат на страв и неспокојство. Тоа предизвикува јанѕа и тегобност во човековиот живот, а неговото постоење станува бесмислено.

Со своите планови човекот доаѓа во судир со другите, кои, исто така, имаат свои проекти. Се појавуваат отпори за остварување на плановите и проектите. Секој сака другиот да го искористи како објект за својот проект. Сартр ќе рече: "**Пеколот, тоа се другите**", затоа што другите мојата слобода ја ценат според својата волја. Слободата на другиот е негација на мојата слобода - и обратно. Така другиот секогаш се гледа како објект за нечиј проект, а неговата слобода се негира.

Хуманизмот е можен само ако се засновува врз *ангажираноста* на единката која има свест и чувство на одговорност за своите постапки. Човекот се определува што е и што ќе биде. Одлуката тешко се донесува и претставува тегобност за човекот, затоа што секогаш е поврзана со одговорноста и со

ризиците (во зависност од тоа во која насока ќе се случува егзистенцијата). Тоа е тешко за човекот, бидејќи одлуката е акт на определување на себе, а отфрлање на другите можности. Во тоа е тегобноста и неможноста на човекот да донесе решение. Но човекот мора да одлучува, да се определува. Тоа е неговиот живот, тоа е неговиот ангажман, кој ќе трае сѐ додека човекот не умре, кога дефинитивно се определува неговата есенција.

**Сартр и Бовоар** се најбележити **егзистенцијалисти**, секојдневно присутни во универзитетскиот Латински кварт и Сен-Жермен де Пре и на сите париски настани. Литературата пишувана од егзистенцијалистички позиции - романите, расказите, драмите - станаа најпознати во светот. Се развиваше и популарна музика, чија муза беше прекрасната **Жилиет Греко** (р. 1927), интимна пријателка на најпрочуениот млад трубач *Мајлс Дејвис* (1926-1991), кој живееше во Париз. Потоа и филмот ги презеде истите идеи, како "црн бран" или "нов бран" (Франсоа Трифо, Клод Шаброл, Жорж Клузо). Егзистенцијализмот, со своите одрази во битничката, хипи и критичката мисла, ја изрази тешката, драматична лична положба на човекот во современата историска и социјална ситуација.

**Симона де Бовоар** започна со *романот* "Гостинка" (1943), во кој врз основа на своето искуство, и дотогашните идеи на Сартр, сугерира двестраност на ситуациите и на односите во љубовните релации. Истакнува дека "говорот е повик за слобода на другиот". Животот бара да пронајде смисла. "Литературата започнува таму каде што живеењето запира да се движи самото од себе", заклучува авторката. Романот "Мандарини" е ремек дело (ја доби најголемата француска награда за литература Гонкур, 1954). Во романот се опишува можноста-неможноста за ангажирање на левите интелектуалци по војната, вклештени помеѓу граѓанскиот став и сталинистичкото влијание, без вистински да продолжи духот на Движењето на отпорот и на Народниот фронт (предвоена обединета политичка акција). Дали е конечен искажаниот оптимизам за политичко и литературно ангажирање на хероите на романот во новата социјална ситуација?! Љубовта на суштества разделени со океанот е трагична, животот е веќе определен и не може суштествено да се менува. Авторката вели: "Бидејќи срцето и натаму ми чука, ќе мора да чука за нешто, за некого. Не сум глува, повторно ќе слушнам повици". Нема самоубиство, туку отвореност за живеење.

*Автобиографските* текстови на Бовоар се прекрасни. Во "Мемоарите на добро одгледаната девојка" (1958) говори за раѓањето на желбата за пишување заедно со бунтот против граѓанската средина. Ја покажува ситуацијата кога семејството, бидејќи е сиромашно, нема пари за мираз за нејзин буржоаски брак и ѝ дозволува да студира. Таму го сретнува Сартр, се здружува со него. Ги опишува професорската кариера и почетокот на војната, "кога животот престана да се движи". Во другите два тома (1960, 1963) Бовоар покажува како се вклопила во историјата и се здобила со увереност дека пишувањето за себе е истовремено пишување за другите. Го раскажа своето и Сартровото делување за време на војната и по војната; тоа е широка слика на настаните и културните процеси, но истовремено и информација за нивните литературни дела и амбиции. Во "Церемонијата на разделбата" (1981) Бовоар ги опишува последните години и месеци со Сартр - нема драстични тагувања, но пленат потсетувањата на философот кого го сакаа милиони млади на светот, како и неговата неисцрпна желба да се бори, заедно со младите и со револуционерите, до последниот миг и речиси ослепен да им помага колку што може со својата личност, совети и текстови (кон текстот се приложени и записи од снимените философски разговори со Сартр). Со префинети емоции Бовоар се

простува од својот полувековен пријател, истомисленик и љубовник. Таа направи и автобиографски текст "Кога ќе ги направам сметките" (1972), со што се заокружува нејзиното *себеиспитување* како философско-литературно сведоштво, карактеристично за егзистенцијалистите. Текстот "Мошне блага смрт" (1964) се однесува на умирањето на мајка ѝ, но зборува за смртта како насилство и бесмисла, како скандал на човечката судбина, што нашата цивилизација треба да го доживее реално, а не да го маскира со лажен оптимизам.

Етичката расправа "**Двојството на моралот**" (1947) е бележит придонес на Бовоар кон егзистенцијалистичката философија и етика. Амбицијата е да го претстави животот и етичките избирања. Започнува со мотото од Мишел де Монтењ дека "животот по себе не е ни добро ни зло, туку место за доброто и злото, според тоа каков го создадете". Потпирајќи се врз главното дело на Сартр "Битието и ништожноста", но и врз мислите на Хегел, Бовоар направи образложение на двојните ориентации и дејства во моралот, кои човекот го водат кон слобода или кон опредметување, онака како што ќе одбере. Човекот е разумно суштество, "трска која мисли", бега од својата природна судбина на смрт од која нема ослободување - и како свест, на која не дејствува никаква надворешна сила, но истовремено е објект смачкан под тежината на другите предмети. Како субјект во светот во објектите, тој и самиот е објект за другите. Таа трагична двојственост на човечката судбина во денешницата се чувствува уште попарадоксално. Луѓето сметаат дека се врвни цели за секоја намера, а во акциите им се бара кон другите да се однесуваат како да се орудија или пречки; што повеќе расте нивното влијание врз светот, ги урнисуваат силите што не можат да се контролираат; господари се на атомската бомба, а таа е создадена само за да ги уништи. Така философски резонира Бовоар - човекот живее помеѓу вистината на живеењето и на умирањето, на осаменоста и на врските со светот, на слободата и на робувањето, на безначајноста и на најголемата важност на секој човек и на сите луѓе. Треба **да погледнеме во лицето на двојственоста**. "Од сознанието за вистинските услови на нашиот живот треба да ги црпеме силата за живеење и причините за дејствување".

Човекот, според Бовоар, не треба да се обидува да ја скрши двојноста на своето суштествување, но "мора да прифати да се реализира". Нема надвор од себе да бара гаранција за својата егзистенција - таа е единственото нешто, вон од неа нема ништо со што би се споредувала. Но, "треба да знае **дали сака да живее и под какви услови**". Тоа е централната тема на оваа етичка книга на Бовоар. Човекот носи одговорност за светот, тој е негово дело, во него се впишуваат неговите порази и победи. На земната судбина ние треба да ѝ дадеме значење. "Моралот постои само кога треба да се реши некој проблем". Моралот е израз на полетот на нашето живеење, него го нема кај пасивниот субјект, туку слободниот субјект го открива во својот проект. Луѓето треба да се свесни за слободата на другите и за својата слобода. Изборот е миг на реалното пројавување на човекот и на моралноста. Слободата е извор за сите значења и вредности - од неа се оправдува егзистенцијата. "**Сакањето да се биде морален и сакањето да се биде слободен - тоа е едно исто решение**". Слободата значи минување од природата во моралитет. Тоа е **творечка слобода**. Затоа е тажно препуштање на судбината, разочарано гледање на неуспешните поранешни обиди (особено во младоста), поништување на слободата, страв од обидите...

Тогаш се **затвора иднината**. Целта на мојата слобода, вели Бовоар, е освојување на егзистенцијата. Тоа е можно само ако човекот "ја сочува на располагање својата иднина". Казна е ако се присили на дела која немаат

смисла. Најужасна казна е доживотно затворање. Слободата се изразува само кога си дава содржина низ некоја **акција**. "Слободата секогаш може да се спасе", таа е секогаш движење за ослободување. Затоа за Бовоар егзистенцијалистичкото учење е "единствената философија во која моралот има свое место". Ништо не е однапред решено, човекот може да загуби, но може и да добие. Но мора да ја прифати својата субјективност. Моралниот избор е слободен, значи "непредвидлив". Но ако не избира и не е одговорен за себеси, човекот станува обичен факт, трпи пораз. "**Моралот е победа на слободата над фактичноста**". За Бовоар, "човечката слобода е крајната, единствена цел за која човекот мора да се определи", напуштање на остатокот на светот како безлична пустина. Тоа е основната идеја на теориската етика на Бовоар, човековото барање на **слобода** и **активност** за животните **проекти**. Егзистенцијата човекот треба да ја чувствува како радост.

Но, ништо не може да се направи без другите или дури против нив, предупредува Бовоар. Волјата на човекот извира од него, сепак тој може погрешно да сака да ја наметне на другиот. Ако предметот на ваквата негова страст е целиот свет, тој станува фанатик и тиранин. "Човекот кој го бара суштествувањето далеку од другите луѓе, го бара против нив, а истовремено се загубува себеси". Ниедна егзистенција не може валидно да се исполни ако се ограничува на себе, "таа ја побарува (нејзе ѝ е потребна) егзистенцијата на другите". Така ќе може морално да се реализира. Станува збор за **поврзаноста на човекот со сите други луѓе**. "Секој човек, тврди Бовоар во своите дела, чувствува потреба за слободата на другите луѓе". Слободата е нешто општочовечко. Секој чувствува **потреба сите луѓе да бидат слободни**. И тоа човекот го прави, бидејќи не е набљудувач, туку дејствува. Моралот бара во борбата човекот да настојува да служи на универзалниот интерес на слободата. Угнетувањето не може никако да се оправдува. Исто така, во однос на минатото нема можност за акција, но таа е можна за иднината, за **отворање на конкретни можности**. Со изборот се создава историјата. "Животот се користи и да се продолжи и да се надмине".

Книгата на Бовоар "**Вториот пол**" (1949) е **најзначајна книга за жената во нашата епоха**, а бидејќи пред нашето време малку се пишуваше за жените како социјални суштества (освен како личности во литературата), тоа е веројатно **најзначајна светска книга за жената**. Тоа е сведоштво за ЖЕНАТА денес, посебно во западната цивилизација. Пристапот е егзистенцијалистички - не постои општа човечка природа, па така нема ни неменлива, вечна женска природа. Прочуерна е изјавата на Бовоар: "**Жената не се раѓа, таа тоа станува**". Дадени се одлични анализи на положбата, сфаќањата и третирањето на жената во нашата цивилизација. Со својот истражувачки дух, првокласно образована, философски и научно насочена, Бовоар создаде историско дело. Во **првиот том** се изложени Судбината (биолошка анализа; психоаналитичко гледиште; и позициите на историскиот материјализам), Историјата (главно трагични факти и засрамувачки компарации за мажите - како "втора" страна во овие расправи) и Митови (културно-литературни сознанија, поврзани со ставовите на писателите Монтерлан, Лоренс, Клодел, Бретон и Стендал, или со позициите на одвратноста, фалусната гордост, слугувањето, поезијата и романескните мечти). Во **вториот том** се анализираат детално Формирањето на жената (детство, доба на моминство, воведување во сексуалниот живот, лезбијство), Ситуацијата (мажена, мајка, општествен живот, проституција, зрелост и старост), Оправдувањата (нарцисоидност, љубовништво, мистика) и Кон ослободувањето (каде се говори за независната жена). Дадена е секоја можна и значајна

содржина за разбирање на жената како суштество (која сочинува **половина од човечкиот род**), како активен учесник во животот (главно без права), како партнер на мажите (кои ја игнорираат, запоставуваат или малтретираат), како творец (кој мошне ретко има шанса да се искаже - па така се пропаднати безброј таленти и човечки дела) - но и како опора за постоење на човечкиот свет, како љубовница, сопруга, мајка, домаќинка, гледачка на децата, помошничка на мажот, личност на комуникациите, на соработката, на мирот...

"Вториот пол" е една од **книгите на векот**. Ги возбуди жените, а исто така и сознанијата и совестите на мажите. Конзервативците и мачистите (кои мислат дека мажите се "надмоќни") ја критикуваа, но жените ѝ благодарат на Бовоар зашто е прва која ја разоткрива нивната положба. Пишуваат дека е мајсторска суптилната анализа на "притисокот со којшто општеството ги манипулира жените да ја прифатат пониската улога". Животот и културата управувани од мажите ја претвора жената во *предмет*, кој главно дава задоволства и работи. Книгата се ширеше низ светот (во САД излезе во милион примероци, 1953) - како што стигнуваа новите социјални прашања и се развиваше свеста и областите на интересирањето на луѓето за достојно хумано живеење (преведена е и кај нас). И денес тоа е најдобра книга за секого да ја дознае суштноста и положбата на жената (нема ништо загубено од својата актуелност). Книгата е исто така основа за **феминистичкиот** став, дека жената треба да биде слободна, како сите суштества на светот. Книгата на Бовоар ги изложува сестраните аспекти на жената и на нејзината отуѓена положба во светот, но не се запира на дадената, туку се заложува за нова социјална улога на жената, за ослободувајќи се од својата општа судбина да дојде до сопствен избор на лична слобода и одговорност за она што ќе стане. **Ослободената жена ќе ги ослободи и мажите и ќе овозможи нови односи помеѓу половите** (или *родовите* - како што денес се зборува). Во Франција е основано Движење за ослободување на жената (1970), а Бовоар, која беше активна во него, укажуваше дека не е потребна само теорија, туку и практични мерки за конкретна слобода на жените. Во денешната наука е посилно социо-културното отколку биолошкото толкување на разликите помеѓу половите. Една активиска има кажано: "Сите ние, денешните феминистки, сме духовни ќерки на Бовоар. Таа ги отвори за нас *патиштата на слободата* (алузија на истоимениот роман на Сартр)".

Книгата започнува со прашањето дали зборот "жена" има некаква содржина. Бовоар посочува женски писатели кои укажуваат дека жените, како и мажите, треба да се третираат како човечки суштества. Всушност, разликите помеѓу родовите постојат, веднаш се видливи, според изгледот, облеката, интересирањата... Бовоар посочува дека човештвото го истакнува машкиот тип како апсолутен, жената мажот ја дефинира според себеси. Се појавува тоа неминовно *Друго*; Бовоар покажува дека и философите така реагираат. **Жената секогаш е потчинета на мажите**, хендикепирана е, нејзиниот правен статус не е ист како на мажите, економски и социјално тие се *две касти*, мажите имаат предности, различно се мерат нивните постапки. Општеството им ја признава на жените само "еднаквоста во разликите" (слична формулација се дава и за робовите во САД). Бовоар ја потцртува **перспективата на егзистенцијалистичкиот морал** - "секој субјект ја реализира својата слобода само преку постојано преминување кон други слободи", нема доказ за егзистенцијата "освен експанзија кон бескрајно отворената иднина". Тоа е смислата на истражувањето и експликацијата на авторката, Таа посочува дека денешните жени се на патот на промената. "Тие почнуваат **конкретно да ја потврдуваат својата слобода**". Сепак се оградува, дека не изложува вечни вистини, туку ја опишува заедничката основа врз која се гради егзистенцијата на

секоја жена посебно (со што посочува на нивниот особен егзистенцијален статус).

Книгата "**Старост**" (1970) е второто историско дело на Бовоар. На светот има сé повеќе стари луѓе (како и сé побројни жители), медицината напредува, животните услови се подобри, така што во светот една третина се луѓе со поголема возраст. Тоа создава нови сфаќања и проблеми за да се организира нивното живеење. Таа тема Бовоар ја обработи прекрасно во книгата посветена на "**третото доба**", кое е нов општочовечки феномен (по *детството* и *зрелата* животна фаза на човекот). Во **првиот том** се обработени поглавјата: Староста набљудувана однадвор, Староста и биологијата, Податоците од етнологијата, Староста во историските општества и Староста во денешните општества. Фактите изнесени во овој дел се важни за секое сознание за сушноста и реалноста на однесувањето спрема староста во човечките досегашни и сегашни заедници. Во првиот том Бовоар ја истражува старата личност како објект на науката, историјата и општеството - ја опишува однадвор. Бидејќи старите се и субјекти кои се набљудуваат себеси однатре и реагираат на тоа, во **вториот том** Бовоар се обидува поцелосно да изложи како тие ја доживуваат својата старост, што не може да се изрази со еден поим или еднозначно, но може да се објаснат нивните параметри и да се образложат нивните разлики. Во овој том се говори за Откривањето и прифаќањето на староста, т.е. за животното искуство на телото, за Времето, активноста, историјата, за Секојдневниот живот во староста и се анализираат Неколку примери на старост (записи на бележити писатели за својата старост, живеењето, проблемите, јанsите...). Кон делото Бовоар приложи и неколку додатоци: Стогодишници, Кој се занимава со старите личности?, Судбина на старите работници во социјалистичките земји и Статистички податоци за полноста на старите лица.

Како и во случајот со "Вториот пол", ни со книгата "Старост" де Бовоар не му откри на човештвото дека постојат жените и остарените лица и нивните проблеми, но таа не само што напиша *фантастични* дела, авторски (концепциски, истражувачки и стилски) *совршени*, мошне *популарни* и читани, преведени во целиот свет, користени во науката и во разните видови човечки активности за помош на жените и на старите - туку таа даде **импулс за овие проблеми да бидат ставени во средиштето на општочовечките интересирања** - се развија медицинската *геријатрија*, социјално-медицинската наука *геронтологија*, се основаат *старечки домови*, речиси секаде се воведени *пензии* и *здравствено осигурување* за старите лица, основани се универзитети и здруженија "*Трето доба*", а се развива и *антиеџинг* движење (за раздвижување на возрасните). За Бовоар може да се каже дека е spiritus movens, духовен двигател на човечкото свртување кон овие две незаобиколни, суштествени егзистенцијални човечки реалности - жените и староста.

Сартр, де Бовоар и нивните колеги го направи популарен егзистенцијализмот во повоениот живот во Европа. Париз беше центар на егзистенцијалистичкото движење, по универзитетите, кафеаните и книжарниците се дискутираше за слободата и тегобноста, се пееше за човековите јанsи и душевни страдања. Тоа не беше песимизам на болка, туку поттик за ангажман, за борба, за храбро настапување и **одбрана на слободата**. Интересно е дека во сите последователни тешки ситуации за животот на луѓето, повторно заживуваат категориите и сознанијата, духот и атмосферата на егзистенцијализмот. Сега, по паѓањето на европските социјалистички режими (во кои егзистенцијализмот беше забранета мисла, беше дозволена само критика на таа "буржоаска измислица"), нашите земји паднаа во кризи на духот, за кои расправаше егзистенцијализмот. Ние сме сега во актуелна и често драстичка ситуација на празнотија, недостиг на себеразбирање, губење на спокојство, страв од нечовечните однесувања. Старите егзистенцијалистички

теми и книги ќе ни помогнат да сфатиме што ни се случува и кои се нашите патишта за наоѓање на слободата.

Така **егзистенцијализмот сега повторно е актуелен** - треба да се чита, за да ги смириме нашите вознемирени духови од транзицијата, која кај многу народи главно не најде вистинско творечко и социјално решение.

**Етички мисли на Симона де Бовоар**

"Не се раѓаш жена, стануваш жена."

"Ниеден маж не би се согласил да стане жена, но сите мажи сакаат да имаат жени - *Благодариме на Бога што ја создал жената*! *Природата е добра затоа што на мажот ја дал жената*! - Со тие изрази мажот наивно тврди дека неговото присуство на овој свет е неизбежен факт, негово право, а присуството на жената е случајност, дури и ако среќна."

"Зборот *љубов* не означува едно исто за различните полови и тоа е една од причините за заемното недоразбирање што ги разделува."

"Ако љубовта е доволно силна, очекувањето станува среќа."

"Умниот живот води кон убавата старост, наградена со здравје и со ведрина на последното животно доба."

# 92. Сирил Паркинсон
## ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРАВИЛНО РАБОТЕЊЕ



Човекот стана посебно суштество откако почна да си обезбедува услови за својата опстојба. Тоа значи дека мораше да работи, да произведува храна, орудија, облека, засолниште, убави предмети... Но имаше господари, кои неприкосновено заповедуваа и првите си земаа од производите што сакаат. Тоа пљачкосување речиси е идентично се́ до индустриската револуција. Во некои кралства се бараше принцовите да научат некој занает, но не за да си обезбедат издршка, туку за да ја разберат смислата и тешкотиите на човечката организација на производството. **Индустриската револуција** донесе промени во производството и негово енормно зголемување, а мораа да се сменат и правилата на **работната етика** - дотогаш работеа само робовите или крепосниците, обврските на работата се однесуваа на нив. Некои начела на малкумина слободни граѓани-занаетчии, кои имаа свои работилници, или на некои трговци - *еснафскиот* морал, се претворија според групацијата на производството во **професионална етика**.

Се зголемуваше и бројот на *управувачи* на производството однатре, кои исто така беа во наем, но имаа задача да ги организираат фабриките, работниците, набавките, продукцијата, продажбата, наплатувањето, да водат грижа за целината на работењето и за вкупните трошоци. Ги нарекоа "управници", **менаџери**, според англискиот термин, кој во последните век и пол го усвои целиот свет. За нив се создадоа особени очекувања, совети и препораки за ефикасно дејствување, бидејќи тие се задолжени за **успех** на претпријатието - тоа се вика **менаџерска етика** и многу е развиена во современата мисла (а, заедно со философијата на менаџерството, ги воведов како предмети на нашите студии по философија, за идните интелектуалци и мислители да знаат што е важно во современата економија).

Индустриското производство, прагматичното однесување, искористувањето на ресурсите, зголемувањето на капацитетите, безобѕирноста на дејствувањето за да се постигнат добри економски резултати и невнимавањето на средината имаа големи **последици за Природата**. Тие негативни состојби растеа во последните век и половина, откако се употребува и терминот **екологија** (создаден во 1866-та од еволуционистот *Ернст Хекел*, 1834-1919), кој сега се рашири во поим за заштита на Природата и на животната средина на човекот. Човекот е најголем загадувач на Природата, а истовремено и најголем страдалник од своите немарни дејства, па **еколошката етика** се однесува на човечката грижа за Природата денес. Таа најповеќе е поврзана токму со *економските* дејства (производство, користење на ресурсите, сообраќај, трошење, правење отпадоци, ставање на приходот пред внимавањето на животната средина...), а се́ поразвиените еколошки сознанија се дел од

истражувањето на економијата и на менаџерството како нивни мошне значаен дел (*економијата*, поимот создаден од Аристотел, 384-322 пред н.е., и *екологијата* се зборови со ист корен = *хел.* дом, куќа, домашни работи, домаќинлак). Со идеите на Сирил Паркинсон и на низа други теоретичари ги претставуваме напорите на човекот да ја објасни организацијата на работењето и да обмисли добри правила за однесување во економијата.

**Сирил Норткот Паркинсон** е роден во 1909 година. Бил познат историчар на британската морнарица, доцент на Поморскиот факултет во Дартмут. Во Втората војна, ангажиран во Министерството за морнарица, како широко образована личност направил откритие за бирократијата. По војната бил професор по историја на поморството во Сингапур, а има напишано и историја на Малаја. Светска слава му донесоа неговите **Паркинсонови закони** (1957) за развојот на бирократијата и за организацијата на институциите во модерната епоха. Овие ставови ги сметаат за полушеговити, но станаа *класични* според својата оригиналност и остроумни поставки. Паркинсон живеел и предавал во САД, Канада, Холандија, Индија, бил вистинска интернационална личност, старински кажано "полихистор" (кој знае разни нешта). Потоа има направено серија ефикасни книги за **менаџерството**, како нов феномен на економското дејствување и на социјалното живеење. Почина во 1993 година.

Книгата "**Паркинсонов закон**" донесе значајни објаснувања (така е во животот и со другите важни нешта, сите мислат дека ги знаат, но никој не ги запишал или објавил). Законот на Паркинсон гласи: "Работата се зголемува толку колку да го исполни времето кое е предвидено за нејзиното завршување". За бирократијата кажа дека "ги умножува постоечките проблеми со вработување на нови службеници". Неговиот закон покажува дека со зголемувањето на бројот на вработените секоја единица се стреми да го истакне своето значење. Затоа се прошируваат и зголемуваат работите за да се исполни времето за нивното извршување, а вработените работат и непотребни работи само нивните единици да се здобијат со поголема вредност. Тој дава факти: во британскиот Адмиралитет (министерство на морнарицата) во 1914 година имало 542 брода, 125.000 офицери и морнари, вработени во Министерството 4.366; во 1928-та 317 бродови, 90.700 морнари и 7.729 вработени - подоцна во 1967-та 114 бродови, 83,900 морнари и 33.574 вработени. Во Министерството за колониите во 1935-та имало 327 службеници, во 1943-та 817, во 1957-та (кога Британија ги губеше колониите) 1.991. Британската влада имала во 1740-та 5 министри, во 1801-та 12, во 1940-та 16, а во 1954-та 18. Ова набројување се однесува и на бројот на министрите според ефикасноста на работењето во соодветните земји: во Швајцарија има 7 министри, во САД 10, во Австрија 15, во Грција 19, во Куба 27, во (екс)Југославија 35, во (екс)СССР 38. Тој создава и математички формули за пресметување на овие бројки за секој непознат случај и за иднината, сигурен е дека бирократијата само ќе се умножува. Карактеристично е дека во бирократските институции се запира дејноста (иако сите нешто работат) ако поради болест или некоја друга причина отсуствува службеникот - тоа може да потрае и со месеци и подолго, без оглед што таа работа изгледа важна. Интересно е дека со зголемувањето на бројот на службениците се проширува нивното комуницирање во установата, а не со надворешниот свет - во една од најбројните амбасади на светот (во Париз) со 2.000 службеници, 90% од комуникацијата, најчесто меѓусебна преписка, се извршува помеѓу вработените.

Се раскажува и за (големите) годишни собири на некоја организација. Запишаните ставови и коментари се однесуваат на тоа кој е поканет, потоа на бројот на поканетите и присутните, на обидите да не се каже ништо суштествено

во дискусиите, се даваат оценки дека собирот не е добро организиран, акустиката лоша, просторот непроветрен, а најчести се прашањата кога ќе се дели јадењето, дали ќе има пијалаци, кој дава дневници (ако се предвидени), а се критикува ако не се предвидени, и сл. Најчеста дискусија гласи: "За двата става (за двете страни) можам да кажам многу, но не знам што е подобро-поточно-покорисно-попотребно за нашата организација (со што се покажува грижа за неа). Јас ќе се воздржам да одлучам". За финансиските дискусии во одборите, укажува Паркинсон, карактеристично е дека за огромните суми, на пример за ѕидање атомска централа, за која се предвидени неколку милиони долари, не се расправа ни две минути, ретко некој ќе каже нешто, а за поставувањето на паркинг-ограда за точаци пред управната зграда за педесеттина долари се дискутира вжештено 2 часа и сите земаат збор, некои по неколку пати. Решението за некој проблем често не се донесува, туку по празна дискусија некој "поактивен" ќе предложи да се формира комисија која ќе го испита случајот - се води грижа да бидат застапени сите структури. Ако ни комисијата не донесе предлог, се прават подгрупи итн. Основањето комисија и одбори значи дека проблемот нема да биде никогаш решен или нема да биде брзо решен.
Паркинсон тврди, во **втората книга** (1970), дека "националната ефикасност може да биде измерена, дека не е доволна декларацијата за предностите". Сопствените проблеми можат да бидат решени, но потребна е решителност. Но, вообичаената практика во нашиот "претерано организиран свет" е **одговорноста или вината за решението да се префрли на некој друг или на друго место** - надолу, на друга страна или нагоре, тој тоа го нарекува "мајсторство во префрлање на топката". Во пирамидалната структура (која е карактеристична за множеството организации), "секој смета на некој друг"; затоа вели дека помалите организации се поефектни. Во големите установи има два вида карактери - додворувачите бараат централизација (која најчесто и се реализира), но "бароните" бараат своја автономија. Централизацијата стана правило, се натрупуваат извештаи и биланси од сите страни, цути статистиката (чии факти никој не ги споредува и почитува), а компјутерите служат како зашеметувачко орудие со блескави шеми. Во насобраниот врв на власта обично владее хаос. Влијаат не вистинските оценки за работата, туку мненијата за резултатите, што води и кон опаѓање на производствениот морал, а раководителите во центарот и на одделите само чекаат да заминат во пензија. За главниот шеф Парксинсон кажува дека само потпишува хартии и комуницира со високите власти. Паркинсон потсетува дека уште *Џон Стјуарт Мил* (1806-1873) барал централизирана информација, но поделба на власта. Истото како нужно го истакнува и за современите централизирани држави, каде што не може да се стори ништо корисно за провинциите. Слично укажува дека национализираните индустрии покажуваат тенденција кон губитоци-банкрот (што беше општ случај и во самоуправниот социјализам). "Организацијата е еден од значајните факти на современиот живот", истакна големиот економист Џон Кенет Гелбрајт (1908-2006). - "**Организацијата му дава критична сила на решението**".

Со ставот за организацијата, законот на Паркинсон тласна множество коментари, кои ја потврдуваат нестабилноста и залудноста на дејствувањето. **Артур Блох** (р. 1948) напиша прекрасна книга "**Марфиевите закони и другите причини зошто нештата одат погрешно**" (1977), во кои шеговито, но сепак мошне сериозно предупредува на парадоксалноста на современите процеси и работење (во духот на Паркинсоновите закони). Првиот закон на Марфи гласи: "**Ако нешто може да се расипе, тоа ќе се расипе**"; следуваат заклучоци: "Ништо не е така лесно како што се чини", "Сé се случува побавно одошто мислиме",

"Ако е веројатно дека неколку нешта ќе се расипат, прво ќе се расипе она што ќе направи најмногу штета", "Ако се предвидени четири можни штети, секогаш ќе се појави и петтата, непредвидена", "Оставени на себе, нештата одат од лошо кон полошо". Од многуте закони на Марфи (популарни во светот), за кои и *втора книга* објави Блох, останува да ја споменеме само неговата философска поставка: "**Насмевни се, ...утре ќе биде уште полошо**".

Слични сознанија објавија и Канаѓаните **Лоренс Џонстон Питер** (1919-1990), педагог и самонаречен "хиерархолог", и **Рејмонд Хул** (1919-1985), драмски писател и хуморист, во книгата "**Принципот на Питер**" (1969). Основната идеја е дека нештата одат *од лошо кон полошо* (и тоа го објаснуваат во уште неколку книги со ист наслов, преведени насекаде во светот). Прviot принцип на Питер гласи: "**Во секоја службена хиерархија секој службеник се стреми да се воздигне до нивото на својата некомпетентност**". Со други зборови: "Во дадено време, за секое работно место се пројавува тенденција да биде заземено од личност која не е способна да ја извршува работата". Во книгата на новата наука хиерахологијата (како ја нарекоа авторите) има многу објаснувања на работните и бирократските појави. Така, на прашањето како некој се воздигнал до некое место, одговорот најчесто е дека го иставиле да не им пречи, или дека е "наш човек" (има крвна или брачна врска или познанство со шефот). Авторите даваат совети како секој да си ја искористи шансата за напредување до нивото на неспособноста. Ако пак некој е исплашен од таквото извишување, Питер му советува да каже дека веќе е некомпетентен. Интересно е дека помеѓу стотиците цитирани мисли на разни умни луѓе од целиот свет, се потсетува на италијанскиот философ *Чезаре Бекарија* (1738-1794), кој кажа дека "историјата на човештвото е едно огромно море од грешки, во коешто понекаде се пројавуваат неколку вистини".

**Менаџерството е нова појава** во индустриската ера, важна за организирање на сé посложената работа. Според Паркинсон, бесмислен е ставот дека за раководител треба да се биде роден: "Вештината да се раководи може да се научи". За тоа се потребни **визија**, фантазија, јасна претстава каков треба да изгледа крајниот резултат. Нужно е и **знаењето**, да се знае што се работи и зборува. Потребна е и **организаторска способност**, мајсторот лесно ќе ја извршува работата која за другите е тешка, а тој "целата состојба ја држи во рацете". Всушност, добрата економска организација значи "поврзување на материјалните и човечките усилби во таква хармонија, никој да не биде претоварен и никој да не е без работа". Следниот квалитет на добриот раководител е **решителноста**, а исто така и **безмилосноста** спрема неисполнителните, невнимателните и мрзеливите. Тој треба да има **магнетска** привлечност, да е централна фигура во работењето, и да има **карактер**, да предизвикува кај луѓето љубопитство, но и сигурност. За тоа е потребно да се подготвува од раната младост.

Тоа спаѓа веќе во следната област на вредните придонеси на Сирил Паркинсон кон организацијата и работењето - **менаџерските совети**. Првата вистинска философска студија за појавата и значењето на менаџерството "**Менаџерска револуција**" (1941) направи **Џејмс Барнам** (1905-1987). Во "Историјата на човештвото" на УНЕСКО во 1960-те книгата се оценува како едно од највредните научни остварувања во XX век. Барнам направи анализа на потребата и значењето на раководењето со економијата од *стручњаци* кои самите не се сопственици на фирмите, туку нив ги ангажираат (како наемници) за извршување на врвна функција. Тоа е нов феномен во човештвото, иако сите големи дејства и градби во историјата се раководени од такви стручњаци, но сега

тоа е масовна појава. Според Барнам, тоа значи изградба и на **нов социјално-економски систем**, покрај капитализмот и социјализмот.

Самите менаџери, или сопственици кои раководеле со својата раширена дејност, прават книги во кои ги објаснуваат работните и раководните принципи; тие книги не се само интересни, туку и корисни за согледбата и изградбата на модерни економски ставови. **Хенри Форд** (1863-1947), механичар, кој создаде светски голема автомобилска индустрија (1903) и прв воведе иновативен метод на производство во серии и **работа на лента** (1913), вака во автобиографијата "Мојот живот и моите успеси" ги изнесува своите **принципи**: "1) Не се плаши од идното и не се врзуј за минатото. Кој има страв од иднината, т.е. од неуспехот, самиот си го ограничува кругот на својата дејност. Неуспесите само даваат повод работата да се почне одново и поумно. Чесниот неуспех не е опасен, опасен е стравот пред неуспесите. Минатото е корисно само во однос на тоа што ни укажува на патот и на средствата за развој. 2) Не обрнувај внимание на конкуренцијата. Нека работи оној кој може подобро да ја извршува работата. Обидите против туѓите дела се престап. Тоа е стремеж од слепа страст за печалба да повредиш туѓ живот и на силата да ѝ дадеш да го надвладее здравиот разум. 3) Повисоко од личните сметки ставај ја општата корист. Без печалба не може да се одржи ниедно производство. Вистина, во "печалбата" не се крие ништо лошо. Добро поставеното претпријатие, носејќи голема општествена полза, треба да донесува со себе и голем доход. Но доходот треба да се добие како резултат на корисна дејност, а не да биде нејзина основа и цел. 4) Да произведуваш не значи евтино да купуваш и скапо да продаваш. Поважно е суровините да ги купуваш по добра цена, да ги обработуваш со незначително дополнителни расходи во производ со добар квалитет, кого што потоа ќе го распределиш најправилно помеѓу корисниците. Со хазард, со шпекулација, со нечесни начини само се отежнува процесот на општественото стопанство". За етиката е интересно дека Форд прв ставал природни материјали во колите, а дека фондот "Хенри Форд" (кој не припаѓа повеќе на семејството Форд) е најголем светски донатор со 2 милијарди долари на еколошките истражувања.

**Ким Ву-Чунг** (р. 1936), кој од бедно корејско момче се издигна до основач и раководител на светската компанија Даеву, во книгата "**Секој пат е поплочан со злато**", напишана за поука на младите, а беше бестселер, продадена во милион примероци (ја објави и "Нова Македонија", 1994), покрај автобиографските записи дава и интересни **морални заклучоци**: "Никогаш не губете го угледот. Треба да го сметате толку скапоцен колку и животот". "Највредното нешто на светот е времето. Како стрела, пуштена од лак, никогаш не се враќа", "Искрата на **креативните идеи доаѓа од вредното работење и сериозното размислување**", "Не плашете се ако потрошите повеќе пари ако е потребно. Но, никогаш не трошете пари попусто, дури ни најмали суми", "Важно е **што** работите, но уште поважно - **како** работите", "Една грешка е голем учител, две грешки - еден учител повеќе", "Тој што натрупал многу богатство, а не знае да го употреби така што и друг да има полза, е сиромав, а не богат", "Интелектуалната себичност е подеднакво бедна како и материјалната", "Ако имате намера да останете на врвот треба да работите многу посериозно отколку што сте работеле пред да стигнете до него", "Никој кој целосно ѝ се посветил на работата - не пропаднал", "Детето бере овошје од дрвото што го засадил дедото". Ги набројува овие **6 клучеви за успехот**: Од почеток мора да работите интензивно; Малите иновации се важни; Работете за другите, не само за себе; Не грижете се никогаш за личниот чист приход; Сé е возможно додека верувате; Потенцијалните шанси се неограничени.

Легендарниот **Бил Гејтс** (р. 1955), основачот на "Мајкрософт", на системите Виндоус, на Интернет, најбогатиот човек на светот, филантроп, во книгата "**Патот напред**" (1995) вака ги објаснува своите **животни погледи**: "Верувам дека сега е чудесно време да се живее. Зората на векот на информациите дава најдобра можност, која светот некогаш ја имал, за создавање на нови компании и за напредок во медицината и во другите науки, насочени кон подобрување на квалитетот на животот - или за подобро да разбереме што се случува околу нас и да живееме во блиска врска со своите семејства и пријатели. Револуцијата во комуникациите дава големи шанси, но не е лек за сè. Важно е како добрите, така и лошите страни на технолошките иновации да се оценуваат најшироко, така што општествата во целост, а не само специјалистите да го поттикнуваат општиот напредок".

Имав среќа во 2000-та да запознаам еден врсник кој, како и многу други во современието, даваше придонес за развојот на етиката. **Жак Беноа** (р. 1943), од сиромашно марсејско момче, со работа и деловна среќа стана сопственик на најголемото француско претпријатие за промет со житото и со сличните прехранбени култури, а потоа ја остави својата фирма и се посвети на објаснувањето и **пропагандата на етиката**. Неговата книга "**Грст етика**" (2000) е бележито сведоштво на еден бизнисмен и разбран човек за моралните прашања на животот, на бизнисот и на раководењето со работата. Според Беноа, **три вредности** се основни за животот и односите помеѓу луѓето - лојалноста, алтруизмот и милосрдноста. Во одделот "Етички менаџмент" тој ги објаснува начелата на однесувањето во работењето. Потсетува на зборовите на папата свети Јован Павле Втори: "Човекот не е создаден за да работи, туку работата е создадена за човекот". Беноа кажува дека, реално, човекот се реализира преку работата, со работата го наоѓа својот идентитет и работата му дава чувство дека постои и дека е корисен за општеството. За добриот менаџмент подучува: "**Етичкиот менаџмент го става човекот во центарот на дејството**, човекот е негова *цел*. Парите, техниката и информатиката се само важни и неопходни средства". Бидејќи човекот минува половина од своето време работејќи, квалитетот на неговиот живот зависи од работните услови. Затоа хуманите димензии мора да станат дел од ставовите на бизнисот (во книгата авторот наведува многу примери од САД и од Франција за новите пристапи кон организацијата на работата и заштитата на вработените). Беноа го критикува искористувањето на работникот како средство за профитот, вели тоа е заблуда, која не е во согласност со новите светски етички трендови: "Во новите состојби на духот газдите треба да имаат усет за своите вработени... Секој од овие треба да се реализира во својата сушност и да се види себеси во она што го работи; со тоа ќе се искористат најдобро потенцијалите на секого".

Економијата е мошне важна - ги создава условите за човечкото живеење. **Џоан Робинсон** (1903-1983), школувана во Кембриџ, каде беше професор (1931-1949), е една од ретките жени философи-економисти (економијата е практична философска дисциплина - Аристотел, Тома Аквински, Адам Смит, Карл Маркс, Џон Мајнард Кејнз...). Има направено повеќе популарни дела, а во "**Економската философија**" (1962) ја објаснува смислата на една современа хумана економска размисла, чија цел е на луѓето да им се олесни живеењето. "Бидејќи економијата е наука, смета Робинсон, подобро е да биде *просветителска*, отколку да ги замаглува погледите". Во книгата има етички објаснувања, дека животните имаат инстинкти, а луѓето ги водат идеологии (верувања и научени сознанија). Моралното правило е неопходно за секое социјално суштество. Биологијата ја инспирира единката да биде донекаде

егоистична за да обезбеди за себе и за своите она што им е потребно, но "заедничкиот живот е неможен ако стремежот за задоволување на своите интереси не е ублажен со чувството за почитување и сочувство за другите. Општеството од само скоравени егоисти брзо би се распаднало". Затоа е нужно постоење на **правила** што ќе ги помират сите тенденции, како и **механизам** (морал) кој ќе ги натера луѓето на почитување на тие начела. И творецот на новата економија на слободен пазар *Адам Смит* (1723-1790), кој впрочем беше професор по етика во Глазгов, ја истакнува *симпатијата* како основа за интересирање на луѓето за другите. Прочуениот англиски моралист д-р *Семјуел Џонсон* (1709-1784) има кажано: "Среќата на општеството зависи од добродетелта". Почитувањето на туѓата сопственост мора да се научи. Луѓето имаат совест, моралот значи способност за развивање на совеста, вели Робинсон. Тоа зависи од општеството во коешто расте единката, тоа е конвенција. Ако човекот загуби морал, тоа значи дека кај него не се развил правилно додека бил млад, дека останал недоволно зрел за чувството на правилното и погрешното. "Моралните чувства се особен дел на нашите способности". Кога станува збор за економијата, и за секој економски систем се потребни правила и совест на единките да ги почитуваат. Но стремежот за профитот може да го уништи угледот на деловниот човек. Робинсон објаснува дека задачата на економистите не е да им кажуваат на луѓето што да прават, туку зошто она што го правиме е во согласност со правилните принципи. Робинсон укажува дека Кејнз го вратил во економијата проблемот на моралот, односно ставот дека приватниот и јавниот морал треба да бидат усогласени. Тоа претставува во човекот судир помеѓу мислата за денес и својата позиција во иднината. Тие треба да бидат поврзани со решавањето на актуелните стопански проблеми. Објаснувајќи ги класичните и актуелните дилеми во економијата, таа укажува дека сме "присилени самите да размислуваме". Патот за зголемување на производството (сметано според жителот) се опремата и образованието, развивањето на финансиските институции и едуцираната деловна класа. Но, постојат разни видови "ѓаволски кругови", кои се појавуваат во секој вид економски систем и ситуација. "Ние единките ги цениме според тоа што му даваат на светот, а не според тоа што од него земаат", укажува Робинсон. Во современиот свет се зголемува стремежот за помагање на неразвиените, се тврди дека треба да се напушти апсолутизација на "слободното дејствување на пазарот", и дека е погрешен ставот дека задоволувањето на сопствениот интерес води кон општо добро. Но, секогаш треба да се прашуваме: **што да правиме?** Моралниот проблем, заклучува Робинсон, не може никогаш да се реши. "Општествениот живот ќе му понудува на човештвото избор помеѓу повеќе лоши нешта". Надежта е економијата да се движи сé повеќе кон состојбата на **наука**, да се бори против идеологиите кои предлагаат парцијални (и противречни) решенија и секако **да не се застапува ставот дека единствените вредности се оние што можат да се мерат со парите**.

**Сирил Паркинсон** создаде низа книги посветени на менаџерството како нов вид организирање на економската дејност - напишани со **М.К. Рустомџи**, познат индиски економист во најголемата машинска компанија Тата. Во "**Големите идеи на менаџментот**" (1984) тие даваат преглед на најзначајните творци на научниот менаџмент, покажуваат дека менаџерството има основа во истражувањето, знаењето и иновациите. Најпрвин пишуват за **Фредерик Винслоу Тејлор** (1856-1915), кој прв го истражувал човекот во процесот на работата и направил книга "**Научен менаџмент**" (1911), во кој менаџерството се означува како строга анализа на вложеното, добиеното и неговата вредност, а

ги испитува човечките односи, финансиите на фирмата, управувањето и контролата. Тој ја мразел неефикасноста. Истакнувал дека целта е да се постигне *хармонија* помеѓу раководителот и исполнителите. Менаџерот како капетан на фирмата треба да биде добро образован, а менаџментот да се студира и практикува, инаку раководството не е ефективно. Според ергономските истражувања на Тејлор во фабриката "Форд" е воведена првата работа на лента на светот. Французинот **Анри Фајол** (1841-1925) се концентрирал врз ефектите на **главната управ**а. За него принципите на раководењето се универзални во сите сфери. Тој ја истакна мислата: "Да управуваш, значи да предвидуваш". **Френк Гилберт** (1868-1924) го испитувал најдобриот метод на **работните движења**. Целта е работата да се изведува планирано (операција, транспорт, преглед, складирање и доставување) и наједноставно (идентифицирал 17 движења во работата). Професорот **Елтон Мејо** (1880-1949) испитувал работничко незадоволства во концернот "Вестерн Електрик", **условите на работата**, односите во производството, однесувањето на раководителите и сл. Помогнал да се совлада хаосот во изведбата и да се постигне успех. **Мери Фолет** (1868-1933), политиколог, ги испитувала физиологијата и психологијата во бизнисот. За неа прашањата на менаџерството главно се **проблеми на човечките односи**. Човекот е социјално суштество и задача на раководителите е да го организираат бизнисот така што луѓето со целата душа да учествуваат во него. **Оливер Шелдон** (1894-1951), автор на "Философија на менаџерството" (1923), се занимавал со **социјалната одговорност на бизнисот**. Не се важни само последиците за заедницата, туку и *етичките* односи во самата организација. **Лутер Галик** и **Линол Арвик** објавија книга "Наука за администрацијата" (1931). На прашањето **каква е работата на менаџерот?**, тие посочија: планирање, организирање, обезбедување на кадри, насочување, правење извештаи, балансирање на финансиите. Големиот психолог **Абрахам Маслов** (1908-1970), познат со теоријата за основните човечки потреби, даде придонес и кон менаџерството - кое треба да биде **насоченост кон највишето во човечката природа**: тој бара раководителите да бидат најпросветени; двете страни во работењето да добијат нешто добро (*синергија*); бидејќи човекот е добар според природата, секому треба да му се верува; секој сака да си го подобри работењето; постои стремеж кон *совршенство* (што ќе стане извор за цела теорија на менаџерството); треба да се изразуваат конструктивни цели, да има демократски односи, да има општествени признанија и сл. Најпознатиот и најдолговечен современ теоретичар **Питер Дракер** (1909-2005), Австријанец преселен во САД, ги смета фирмите специфичен **економски орган на општеството**. Максималната печалба не е единствената цел на бизнисот (со таква цел дури може и да се пропадне). Ги истакнува 8 цели на секоја стопанска дејност: маркетинг, иновација, организација на кадрите, финансиски ресурси, материјални ресурси, продуктивност, општествени обврски, планирани доходи. Бара постојана обука на сите во фирмата. Менаџментот не може да биде егзактна наука, но постојат 2 *златни правила*, кои се важни секогаш: правилно користење на *времето*, што е прашање на самодисциплина, и *чесноста*: "Бинисот може и треба да се раководи чесно". Во книгата се прикажани и разни други менаџерски теоретичари, некои од нив реални раководители или советници во големи фирми, со кои се претставува сложеноста на раководењето и основните принципи на менаџерството, кое е еден од факторите на економската дејност на современието.

Прочуената книшка "**Мала библија на менаџерот**" (1984) на Паркинсон и Рустомџи е посветена на суштината и основните прашања на раководењето. Во првиот оддел Како да водам и раководам, се укажува дека треба да се запре

несуштествената работа; да се има општ поглед врз дејноста, да се стегнат финансиите и да се троши малку; клиентот да се смета за најважно нешто; да се создадат едноставни работни процедури; да се предвидуваат проблемите; избегнување на брзање и кризни ситуации; правење најдобро што е можно; имање смелост да се каже Не! Така во целата книга се даваат конкретни совети и се истакнуваат најважни нешта за успех во работењето, што е задача на менаџерството.

Паркинсон и Рустомџи имаат направено заедно **8 книги** за менаџерството (во некои учествува и познатиот индиски автор С.А. Сапр). Во "**Ефективниот менаџер во дејство**" со поднаслов "Менаџмент за секого" (1986) се пишува за развитокот на човечкиот труд од ловот до компјутерите, а потоа за **неопходноста на работењето** (како храната или водата!), со што човекот си обезбедува потребни стоки и услуги, гради пријателски и колегијални односи со другите и се развива интелектуално и емоционално како човечко суштество, а работата го чува човекот од здодевноста и пороците, па и слободното време се заработува со труд; исто така работата дава можност за учество и саморазвиток, може да биде извор за забава и радост и да овозможува креативност. Се објаснува зошто луѓето не ја сакаат работата - од отуѓеност, од дејство на борбата за моќ, од недоверба и недисциплина, од недостиг на енергија и од голема разделеност на трудот. Се разработуваат задоволството од работата, проблемот на штрајковите, суштината и видовте на учеството во самоуправата, дејството на финансиските стимуланси, работните стресови. Посебно се претставени теориите на менаџерството и **значењето на грижата за производството и за луѓето**; функциите на менаџерите и стимулирањето на луѓето; вештините на менаџерството (со 3 основни сфери - маркетинг, технички и човечки ресурси), при што се истакнува дека менаџерот треба да може да мисли апстрактно; се објаснува зошто се намалува ефективноста, како успешно се искористуваат способностите, како да се подобри раководењето и кадровското планирање, а заклучокот е посветен на новиот квалитет на живеењето, за што треба да учествува и трудот, каква е ситуацијата со синдикатите и се дава визија за најдоброто и идното менаџерство.

Во книгата "**Како да успеам во бизнисот**" (1991) Паркинсон и Рустомџи на модерен и мошне интересен начин го објаснуваат проблемот на економската сметка и на стопанскиот биланс во современата фирма. Основната порака е: **Правете ја добро сметката, за да не пропаднете!** Се разработуваат прашањата за управување и контрола, потоа подобро се објаснуваат расходите, кои треба да се намалуваат, што значи и чувство за економија. Управувањето со финансиите е базично за менаџирањето со фирмата. Треба да се откриваат скриените расходи, да се штеди и при трошењето, се укажува на расходите како одговорност на началникот и на пониските шефови (што е една од суштините на менаџерската позиција - која секогаш е поврзана со економската дејност и одговорност), се споредуваат продуктивноста и продажбата (може да се високи, а сепак да се губи), се испитува прашањето на рентабилноста, се изложуваат прогнозите и прашањето на расходите. Конечно, се укажува на **човечкиот фактор** како суштествен дел од работењето, а се покажува како денес се користат компјутерите за испитување на операциите, за донесување решенија и за најефектно намалување на трошоците на фирмата.

Мошне се **корисни сознанијата, истражувањата и книгите на Сирил Паркинсон** како уште еден негов прилог за развојот на современата економија и организација, на цивилизацијата и на научниот пристап кон светот и живеењето.

Сите ставови се **морално засновани** како споредба на резултатите, како образец за дејствување и како квалитет на човечкото однесување воопшто.

Такви истражувања, автори, мисли и книги има многу во современиот свет - еден кат на најголемата книжарница на светот, во Њујорк, која има пет широки катови, е исполнет со книги за економијата и менаџерството, кои се умножуваат секој ден. Тие се, всушност, и многу потребни. Не содржат само поуки за подобро работење, што е една голема етичка задача на секој активен човек, на секоја фирма и на секоја регионална и на општата светска економија - туку и конкретни предлози за одговорноста на раководителите, за подобро однесување на кон вработените и помеѓу нив, за развивање на работната и на животната мотивација, за грижа за ресурсите, орудијата за работа и за ресурсите, за иновативноста и поттикувањето на развојот на производството и на продуктивноста, за штедењето на финансиите и на енергијата (кои имаат одраз и врз светските состојби), за доброто образование и усовршување и на менаџерите и на вработените како една од основните задачи на современата економија и на светот во целост итн. Покрај книги и учебници за економијата и организирањето, тоа се дела и за моралот. (Укажуваме дека малку автори сметаат дека е добра ригорозноста спрема подредените - според образецот на **Атила-менаџмент**, кого мнозинството автори го сметаат не само за настрано однесување, туку и за неефикасно во модерното време на човечки слободи и демократија).

Интересен автор за менаџерството е **Исак Адицес** (р. 1937), роден во Скопје, кој има светски углед, автор е на многу книги, помеѓу кои на ремек делото "Управување со промените", а во Србија има центар за развој на менаџерството, со бележита издавачка дејност.

Мошне интересни се истражувањата на менаџерството на **Дипек Чопра** (р. 1947), лекар и психолог од Индија, населен во САД, популарен автор на бројни книги за животот на современиот човек, особено за воспитувањето на младите. Во неговото дело "**7 духовни закони за успехот**" (1994), со поднаслов "Практичен водич за остварување на вашите мечти", ги поврзува *индиските* сознанија со *западните* задачи и потреби. Мотото на книгата е од една *упанишада* (индиска света книга): "Ти си таков какви што се твоите силни внатрешни желби; какви се тие, таква ти е и волјата; каква е таа, такви ти се и делата; какви се тие, таква ти е и судбината". Чопра вели дека книгата се однесува и на законите на живеењето, бидејќи во природата владеат исти принципи како при творењето во материјалниот свет: "Успехот на животот може да биде определен како непрекинато растење на среќата и прогресивно дофаќање на вредносните цели". За успехот не се потребни напори, вели Чопра, туку **разбирање на духовните прашања**, а тоа значи на Вселената, на Вишата сила, на движењата во физичкиот свет, на полето на чистата потенцијалност. Неговиот Закон 1 за **чистата потенцијалност** се однесува на сушноста на самите нас, со што се проникнуваме со силата која создава сé во Вселената. Законот 2 е за **давањето**, а со својата подготвеност да го дадам она кон што се стремам, ние ја поддржуваме циркулацијата на космичкото изобилство во нашиот живот. Законот 3 за **кармата и последиците** кажува дека она што ќе го посеам, ќе го пожнеам - па кога избираме дејства кои носат среќа и успех на другите плодот на нашата карма е среќа и успех. Законот 4 за **најмалиот напор** покажува дека разумот во Природата функционира без напори, со безгрижност, хармонија и љубов, па впрегнувајќи ги силите на хармонијата, радоста и љубовта ние лесно создаваме среќа и благодат. Законот 5 за **намерите и желбите** вели дека при нив се присутни механизмите на нивното реализирање, тие имаат бескрајна

организирачка сила во чистата потенцијалност, па кога внесуваме една намера во нејзиното плодородно поле, ние ја впрегнуваме таа бескрајна сила да работи за нас. Законот 6 за **необврзноста** покажува дека во неа се крие мудроста на неизвесноста, а со ослободеноста од нашето минато, од затворот со старите обусловености - со својата готовност да влеземе во неизвесното, во полето на сите можности, ние му се предаваме на креативниот ум, кој го изведува танцот на Вселената. Законот 7 на **дармата** (*хинд.* етиката) покажува дека секој човек има цел во животот, единствена дарба или особен талент, кои може да ги подари на другите - и кога ја реализираа својата дарба со служење на луѓето, ние чувствуваме екстаза и возбуда на сопствениот дух, што е највисоката од сите цели. Чопра заклучува дека "духот на Вселената раководи со елегантна прецизност и непогрешива интелигентност со сé што се случува во милијардите галаксии... Секој жив организам е пројава на тој Ум". Според Чопра, тој Ум се изразува низ 7-те претставени закони, кои се моќни принципи, кои ќе ни дадат можност да постигнеме самоконтрола. Со тоа и животот ќе ни стане порадосен и поисполнет. Станува збор за изворна **креативност**, која ја бараме, а овде ни е понудена за разбирање и усвојување.

Чопра укажува дека животот е вечен, но неговите пројави се моментални и случајни. "Сме застанале тука за малку, за да се сретнеме, да се сакаме, да споделуваме. Тој миг е скапоцен, но преоден, мала епизода во вечноста. Ако споделуваме добри чувства, со лесно срце и со љубов, ќе создадеме изобилство и радост за сите други. Тогаш, вредело да го изживеам тој миг".

**Томас Петерс** (р. 1942), со помош на **Роберт Вотермен**, изложија револуционерна организациона идеја во книгата "**Во потрага за савршенството**" (1982), со која отворија нов пат и тенденција во менаџерската философија и етика. Тие ги анализираа 43 **најдобро водени американски компании** и извлекоа заклучоци дека успехот се постигнува кога во фирмите постои **стремеж кон најдоброто**, Цитираат една **прекрасна етичка изјава**: "Заедницата е средство за земен хероизам... Човекот ја трансцендира смртта, наоѓајќи смисла на своето живеење... Станува збор за силната желба да се постигне нешто значајно... Она од што човекот се плаши не е толку смртта, туку смртноста поврзана со *безначајноста*". Основната вредност за која се говори во ова дело е дека не постои ништо толку важно колку **квалитетот** - тогаш тоа што го правиме не треба да го правиме два пати. Еден од најпознатите американски менаџери, раководител на најголемата светска фирма IBM (360.000 вработени низ целиот свет), Том Вотсон (1914-1993) вели дека **вредноста е она што е важно**.

Слично дело, со нагласена *етичка* нота, направија **Крејг Хикман** и **Мајкл Силва** "**Совршенството како цел**" (1984) во кое креативното однесување кон највисокиот квалитет се смета за основа на една нова *Ренесанса*. Раководителите треба да мислат *стратешки*, а исто така да бидат создавачи на нова *култура*. Основните 6 својства на раководителите од нов тип треба да бидат: креативност - вештина за поставување на правилни прашања; чувство - однос со другите и со средината; внимателност - начин да се создаде идното; адаптабилност - вештина да се почувствува менувањето; концентрација - практичен придонес кон промената; трпеливост - живеење со мисла за иднината.

Потсетуваме дека големиот писател и хуманист д-р **Карел Чапек** (1890-1938), хроничар на своето време, хуморист и **визионер**, кој го создаде поимот "**робот**" и го образложи во својата драма "Р.У.Р", има напишано сериозно предупредување: "Не се плашам дека машините ќе бидат господари на луѓето. Полошо е ако луѓето не се добри господари на себеси или на човечките односи".

**Двојка** значајни интелектуалци направи заедно разговор и книга за менаџерството "**Силата на етичкиот менаџмент**" (1988). Тоа покажува колку во современата епоха менаџерството е важно прашање, колку и етиката. Поднасловот на ова дело е "**Не треба да мамите за да победите**". Авторите се **Норман Винсент Пил** (1898-1993), пастор, бележит застапник на *позитивното* мислење, и **Кенет Бланчард** (р. 1939), коавтор на една од најпознатите книги за менаџерството во светот "Менаџер за една минута (кој брзо одлучува)", преведена и кај нас. Се состанаа и разговараа, забележените дискуии и посочените прашања се присобрани, и оваа одлично дело е пласирано со желба **етиката да најде место во менаџерските размислувања и активности**. Нивните главни мисли се вака изложени: "Нема вистински начин да се прават погрешни нешта"; "Пет П на етичката сила се: Предвидување (Purpose), Гордост (Pride), Трпеливост (Patience), Постојаност (Persistence), Перспектива (Perspective) - централно е Перспективата"; "Никој не може да направи да се чувствувате пониско без ваша дозвола"; "Добрите личности изгледа дека финишираат последни, но тие обично трчаат во некое друго натпреварување"; "Никогаш! Никогаш! Никогаш! Никогаш! Не се предавај!"; "Обидувањето е обично крив збор за да не се направи ништо"; "Секој проблем може да се реши ако сте зеле малку спокојство да размислите, сте побарале пат и сте ги ставиле нештата во перспектива"; "Не може да очекувате празна чанта да стои исправено"; "Раководејќи **само** со размислување за профит е небаре играте тенис со вашите очи насочени кон таблата за резултати а не кон топката"; "Ако се грижиме на почетокот, крајот самиот ќе се грижи за себеси". Во морето од прашања кое двајцата мајстори ги кажаа и поставија во ова ретко дело, споменуваме дека ја имаат истакнато и оваа листа на **етички прашања**: 1) *Дали е легално?* Дали јас ќе бидам казнет од законот или од фирмата? 2) *Дали е распределено?* Дали нештата се концентрирани исто и за кусото време и за подолгиот термин? Дали тоа ќе биде победнички сооднос? 3) *Како тоа ќе стори јас да се чувствувам?* Дали ќе се чувствувам горд? Дали јас ќе се чувствувам добро ако моето решение биде објавено во весник? Дали ќе се чувствувам добро ако моето семејство дознае за тоа?

Бројни прашања, многу, ставови, безброј теми за организацијата и посебно за менаџерството, сите мошне етички важни за современото живеење.

**Етички мисли на Сирил Норткот Паркинсон**

"Човек не треба да биде казнет затоа што бара да дознае повеќе детали пред да го каже своето мислење, нели?"

"Можеме да го поставиме прашањето - кога половината од работната сила на Англија ќе биде проголтана во административни професии."

"Вообичаена практика во нашиот претерано организиран свет е одговорноста или вината за некакво решение да се префрли врз другиот или на некое друго место."

"Фирмата која на пазарот ќе се прочуе со бавно исплаќање, ќе плаќа повеќе при купувањето, затоа што доставувачите при определувањето на своите цени почнуваат да го пресметуваат доцнењето."

## 93. Мајка Тереза

## ПРАВЕЊЕ ДОБРО СО ЦЕЛОТО СРЦЕ



Етичарите се често скромни, едноставни луѓе, кои го образложуваат правењето добро со потребата која луѓето ја имаат за да им се помогне, бидејќи страдаат и не можат да се снајдат во животните тешкотии. Етичките објаснувања и нормативни укажувања дека треба да им се помага на другите, етичарите не ги даваат само како покажувачи на патот, туку самите се **големи добротвори**, некои од нив најголеми во светот. Таква е Мајка Тереза по **потекло од Скопје**.

**Мајка Тереза** е родена во 1910 година во семејната куќа на централниот скопски плоштад, со име **Гонџа (Цвета) Бојаџиу**. Таткото Никола и мајката Дрона биле предани католици и младата Гонџа ја инспирирале за длабоко верување. Таа целиот живот ја истакнуваше **поврзаноста на своето мислење и дејствување со благородното срце на Исус** - чија невеста се наречуваше (а името на скопската католичка црква, која се урна во земјотресот во 1963 година, како и на новата изградена во населбата Козле е "Пресветото Исусово срце"). По завршувањето на гимназијата, во 1928 година таа се закалуѓери кај сестрите на Лорето, ред основан во XVII век, посветен на мисионерската дејност за образование на девојките (овој ред ја слави колибата во која во љубов живееле Христос и мајка му). Во редот била примена во Даблин во Ирска, од 1929 година се обучувала во Калкута, а сестра станала во 1931 година, земајќи го името на големата светица Тереза од Авила (1515-1582) и на францускатa светителка **Тереза од Лизие** (1873-1897), истакната наставничка, прогласена за светица во 1923 година.

До 1948 година сестра Тереза работеше во Индија како наставничка и директорка на училиштето. Тогаш целосно се посвети на помагањето на бедните во **Калкута**, најголем индиски град, со **најмногу сиромашни на светот**. Тажната слика на болните од заразна *лепра* (од коишто сите бегаат и никој не сака да комуницира со нив), како и на стотиците илјади бедни кои буквално немаат *ништо* - ја поттикнаа Мајка Тереза целосно да се посвети да им помага и да им ги ублажи страдањата. Таа *сострадаше* со бедните несреќници кои живеат во постојани маки и немаат никого кој ќе ги погледне, прифати, прегрне и ќе им помогне.

Од дејноста на Мајка Тереза се разгоре **движење**, кое одекна низ светот. Папата го прифати новиот ред “**Мисионерки на милосрдието**“, кој сега е раширен во 100 земји. Сестрите се облечени скромно во бело индиско сари со три сини ленти. За својата благотворна дејност Мајка Тереза во 1979 година ја доби **Нобеловата награда** за мир, најголемото признание што за овој вид општочовечка дејност ја има добиено личност од нашиот регион. Во 1980 година е прогласена за почесен граѓанин на Скопје. Кога почина во 1997 година, Индија организираше закоп со највисоки државни почести, телото на Мајка Тереза

беше носено на лафетот на кој беше положено и телото на убиениот основач на Индија и еден од најзначајните современи етичари Махатма Ганди. Папата Јован Павле II ја *беатизира* сакаанта другарка и соработничка Тереза во 2003 година пред 300.000 луѓе. Се очекува да биде прогласена за светица (иако низ светот веќе сега луѓето така ја именуваат).

Во своето дејствување Мајка Тереза ги следеше изворните зборови и поуки од Исус Христос и мајка му Марија, истакнувајќи ги постапките на **љубов**. Мајка Тереза се раководеше од идеите и активностите на свети **Франциско од Асизи** (1182-1226), кој љубел сѐ што е живо и имал моќ да разговара со птиците и со животните. Овој основач на редот на сиромашните калуѓери, помагачи на болните и бедните, денеска е симбол на светскиот мир и во неговата катедрала во Асизи се одржуваат годишни собири на главните државници и верски водачи. Симбол на добротворството и на светската љубов и мир е исто така и Мајка Тереза. Во анкетата направена кај европските средношколци, од личностите кои најмногу ги сакаат, тие на прво место ја ставија Мајка Тереза (што говори позитивно за младите во нашиот свет полн со духовни и морални контроверзи). Мајка Тереза е **најпознатата личност на доброто дејствување денес**. Таа ги охрабрува луѓето пред животните неизвесности, ги поттикнува да прават добри дела и ги инспирира - да се угледуваат на неа, малечка и слаба, која без страв, бескомпромисно се зафати да им помага на болните од ужасни болести и на најбедните на светот.

Во Калкута Мајка Тереза разви систем од неколку **добротворни институции**. Во денес опфатниот Центар за добри дела има 200 кандидатки и 20 сестри од целиот свет. Во домот "Шишу Баван" се згрижуваат 400 сирачиња на разна возраст, кои се образуваат и се подготвуваат за достоинствен живот. Мајка Тереза укажуваше дека без оглед дали децата немаат родители или колку овие се сиромашни, младите мора да добијат шанса да израснат во услови слични на родителски дом. Во домот "Прем Дам" (подарок од љубов) се згрижени по 150 машки и женски ментални инвалиди, за кои се води дефектолошка грижа да се рехабилитираат. Мајка Тереза со името на Ганди го нарече домот за лепрозните, во кој се чуваат 350 болни од оваа најтешка болест. Има и Дом за оние кои умираат, на кои Мајка Тереза им посветуваше примарно внимание да ги прифати и да им даде љубов и да ги држи за рака барем во последните мигови оние кои никогаш не ја почувствувале љубовта и живееле отфрлени од светот и од луѓето. Покрај тоа таму има и неколку центри за рехабилитација на сиромашните жени, на жените затворенички и на зависниците од дрога, како и училиште за сиромашни деца.

Во текот на **полувековната милосрдна дејност** Мајка Тереза постигна голем успех во **разбудувањето на човечката свест за тешката положба на бедните и на болните** и во создавањето услови за нивно згрижување. Тоа го постигна со лични усилби, со крајна посветеност и со молби до побогатите да отстапат простор или средства за помош на страдалниците. Тој дух на помош и благотворност создаде од Мајка Тереза личност со најголем углед на полето на социјалната грижа. Но кога еден индиски министер ја замолил да напише учебник за социјалната работа, таа му одговорила дека тоа не е можно - треба да дојдат да видат како сестрите ги љубат страдалниците и како се грижат за нив, тоа би бил најдобар учебник.

Мајка Тереза му укажа на современиот свет колку има страдалници и како треба да се грижиме за оние со патила. Тоа таа го придружи и со силен оптимизам и со идеи за храброст **луѓето да застанат пред тешкотиите и да се справат со животните неволи**. Таа изгради систем од вредности кои ја

сочинуваат **новата благотворна етика** на човештвото. Основните вредности кои ги препорачува Мајка Тереза се Мир, Разбирање, Милосрдие, Помош, Давање, Солидарност. И пред сé Љубов.

Љубовта, според Мајка Тереза, е основната сила на светот, која ги совладува сите ограничувачки околности и сите зла. Љубов може да даде секој, кој нема да го заклучи своето срце и нема да ги отфрла другите луѓе. Станува збор за голема љубов за сé и за целиот свет, што се означува како *агапизам*, општа љубов од највисок вид. Искажувањата на Мајка Тереза се цитираат во целиот свет, најповеќе во учебниците и во наставата. Една од најпознатите нејзини изреки гласи: **НЕ МОЖЕМЕ ДА ПРАВИМЕ ГОЛЕМИ РАБОТИ, НО МАЛЕЧКИТЕ МОЖЕМЕ ДА ГИ ПРАВИМЕ СО ГОЛЕМА ЉУБОВ**. Во неколку земји на светот, па и кај нас, оваа порака од Мајка Тереза е базична нишка во новото **етичко образование** на младите. Тоа е духовната основа која малечката, дребна Светица од Скопје ја водеше до изградба на **најсилна, најкрупна, најоправдана етичка дејност на денешницата - луѓето да се пронајдат себеси и да им помагаат несебично на другите**.

Молитвите, етичките пораки и фотографиите на Мајка Тереза се објавуваат насекаде низ светот. Својот најпознат текст, во форма на дијалог, таа го напиша за да објасни зошто секогаш ќе постапува добро, дури и наспроти укажувањата дека луѓето не веруваат во добрите дела и не заслужуваат добро однесување спрема нив. Оваа исклучителна порака (која и овде је објавуваме во целост) се нарекува **Молитва на Мајка Тереза** и е истакната на главниот ѕид во нејзиниот центар во Калкута, како и на ѕидовите на многу училишта во светот. Се приведува во учебниците по етика за младите низ целиот свет (исто така и во нашите). Со поракава една мудра и храбра личност, посветена на добри дела, ја објаснува својата определба и ги повикува и другите **да постапуваат добро во секој случај**. Овие морални мисли и доблесни дела ја покажуваат изворно смислата на позитивното етичко дејствување.

Етиката на Мајка Тереза е религиозна (што е уште еден доказ дека етиката и религијата не се исклучуваат). Тереза укажува дека “Господ е насекаде и во сé и без Него не би можеле да постоиме“. Оваа пантеистичка концепција е проследена и со крајна хуманистичка и оптимистичка интерпретација на визиите и делото на Исус: “Христовата љубов секогаш е посилна од злото во светот - затоа треба да сакаме и да бидеме сакани; тоа е наједноставното што треба да го знаеме“. Укажувањето на љубовта како врвно чувство е истовремено и посочување по каква избрана насока треба да одиме, какво треба да биде нашето движење и живеење, каков начинот на којшто ги правиме нештата. Добриот пат значи човечки исправно, достоинствено однесување, при коешто е многу важно да се прават добри дела, особено за хуманитарни цели, благоугодни, кои сведочат за високата етичка свест и цел на оние што ги прават. Христијанското **милосрдие** е создадено од зборовите “**мил**“ (сакан, допадлив) и “**срце**“, симбол на чистите чувства и намери. Имањето “добро срце“, покажа Мајка Тереза, значи правење добро дело, готовност да се помага, давање на доброто со целото свое срце.

Мајка Тереза ја објасни својата животна патека со неколку стихови, во кои се обединети принципите на човечката добрина, со кои таа му ја објаснува на човекот каузалната врска помеѓу неговиот избор, постапување и судбински резултат, од полза за сите луѓе: “Плод на тишината е МОЛИТВА. Плод на молитвата е ВЕРА. Плод на верата е ЉУБОВ. Плод на љубовта е СЛУЖЕЊЕ. Плод на служењето е МИР“. Во исполнетиот **круг на добрината**, духовната целост на личноста и нејзината активност се извори за основната вредност на

денешницата - **Мир**, која ќе овозможи да ги сочуваме благодаттите од Природата, да го унапредиме човечкиот развиток и да ги реализираме високите идеали на големите светски етичари.

Мајка Тереза ужива **најголем углед** од сите луѓе. Нејзината личност и дело се една од интернационалните нишки со кои светот се поврзува во единствена човечка и морална заедница. Имав чест на скопскиот Филозофски факултет да претседавам со одбраната на докторската дисертација за животот и делото на Светицата од Скопје од младата јапонска социјална активиска *Хироми Џозефа Кудо*. Професорката Кудо предава социјална работа на Женскиот Универзитет и на интернационалниот Универзитет Софија во Токио. Фасцинирана од дејноста на Мајка Тереза, младата Јапонка и мајка ѝ отишле во Калкута, се посветиле на благотворната активност и на разни начини даваат придонес кон бројните социјални активности на движењето на Мајка Тереза, а исто така и на други места во светот каде што луѓето страдаат и им е потребна помош, храна, подобрување на животните услови и блага реч. И со изложувањето на идеите и со претставувањето на ретката добрина на Мајка Тереза, која го трогна светот, д-р Кудо им помогна на луѓето. Нејзината книга "Наша мајка" е објавена на македонски и англиски јазик. Анализирајќи ги погледите, активностите и добротворната организација на Мајка Тереза, д-р Кудо покажува дека инспирацијата за добротворство, духовната широчина и начелото на разбирање и толеранција, кои ја краселе Мајка Тереза, таа ги понела од детството и од својот роден град Скопје. Најголема обврска за сите нас е исто така и ние да бидеме посветени кон доброто како големата етичарка Мајка Тереза.

**МОЛИТВА ОД МАЈКА ТЕРЕЗА**

(Anywhere - *Секако, Сепак, Не е важно, Во секој случај*)

"Човекот е неразумно и себично суштество."
**Не е важно, сакај го!**
"Ако правиш добро, ќе кажат дека тоа го правиш од саможиви цели."
**Не е важно. Прави добро!**
"При остварувањето на своите цели - ќе сретнеш лажни пријатели и искрени непријатели."
**Не е важно, остварувај ги своите цели!**
"Доброто што го правиш ќе биде заборавено утре."
**Не е важно. Прави добро!**
"Чесноста и искреноста ќе те направат ранлив."
**Не е важно. Биди искрен и чесен!**
"Она што си го создавал со години може да биде разурнато во еден миг."
**Не е важно. Создавај!**
"Ако им помагаш на луѓето, може да минеш лошо."
**Не е важно. Помагај им!**
"Му го даваш на светот најдоброто од себе, а тој ќе ти возврати со удари."
**Не е важно. Давај го најдоброто од себе!**

## 94. Албер Ками
# НЕ ПРЕДАВАЈ СЕ, БУНТУВАЈ СЕ!



Етиката започнувала со голема сила многу пати одново во историјата. Новите околности и времиња барале промислување на новите прашања и решавање на тешките проблеми со учество на луѓето. Творците може да сметаат дека во минатиот живот има доволно искуства за да ја поттикнат новата етичка акција, која **треба да ги мобилизира луѓето на соодветно однесување**. Тоа не треба да биде само преродба на најпознатите етички идеи, може да биде инсистирање дека во човечкиот дух има некоја слична мисла и разбирање на нештата, кои ги поврзуваат луѓето во целина. Така размислуваше големиот современ хуманист и етичар Албер Ками.

**Албер Ками** е роден во 1913 година во гратчето Мондовија во Алжир. Татко му земјоделец умрел додека бил дете. Мајка му работела тешко за да го одгледа синот. Тој учел и студирал *философија* во Алжир. Напишал дипломски труд за старите мислители Плотин и Августин. Многу ја проучувал класичната медитеранска мисла, која ќе биде основа за неговото оригинално дело (повеќе трудови посветил на својот професор Жан Грение). Туберкулозата го попречила да напредува во академската кариера. Ками се дружел со младите интелектуалци и станал нивни предводник. Соработувал во еден аматерски интелектуален *театар*, каде што се истакнал во сите должности - сé до драматуршки адаптации, актерска игра и режирање (потоа ќе напише многу драми и ќе редактира познати текстови за изведба). Во 1940 година дошол во Франција. Бил еден од првите во антифашистичкото **Движење на отпорот**. Со неколку другари основале илегален весник “Борба“, кој по војната ќе се прослави со своите *уводници*, кои ги пишувал Ками. Заради ставовите и талентот го нарекле “политички моралист“. Со **Жан-Пол Сартр** (1905-1980) го основале прочуеното списание “Модерните времиња“. Со книгите и погледите Ками се здобил со голем интернационален углед, станал еден од најпознатите млади светски интелектуалци.

Уште за време на војната (1942) ги има објавено книгите кои ќе го прослават - романот “Странец“ и философската расправа “Митот за Сизиф“. Тие сочинуваат комплет, како што и вториот роман “Чума“ (1947) го следи делото “Побунетиот човек“ (1951). Ками напиша и неколку познати драми, многу убави есеи, значајни етичко-политички записи и коментари. Во 1957 година ја доби **Нобеловата награда** за литература како најмлад нејзин добитник, за дела кои ги "осветлиле проблемите кои во нашето време се поставуваат пред човечката совест". Во говорот рече: "Јас уште ништо не сум создал. Моето дело не започнало". Загина во сообраќајна несреќа во 1960 година.

Литературата и философијата на Ками се **исклучително етични**. Неговите погледите сведочат за еден предан хуманист и истражувач на човечките страдања. Тој сака да бидат надминати човечките маки. Пишува за

апсурдностите на човечкото постоење, низ коешто проблеснуваат човечките убавини и скапоцености. "Убавината несомнено не создава револуција, вели Ками. - Но доаѓа денот кога револуциите ќе имаат потреба од неа". **Апсурдот**, што тој уметнички го опишува, се изразува во животните тешкотии и заблуди, во несогласувањата помеѓу луѓето и во неразбирањето на својата ситуација; тие личат дека се нешто неминовно, неизбежно, но се и *предизвик за акција*. Апсурдот е потребен како негативен поттик кој човекот ќе го води кон смислата и ослободувањето. Тој човекот го потсетува постојано дека треба да се бори за ослободувањето, да му даде смисла на своето постоење. Како и Гете, и Ками верува дека **спасен може да биде само оној кој се бори за своето спасение**. кој Ками не го прифаќа моралниот крах на личноста. Тешките историски настани, како и другите човечки случки и личната судбина, го зашеметуваат и исплашуваат човекот, поставуваат пред него големи и непремостливи маки и обврски - но, оној кој страда и пропаѓа без свест зошто тоа му се случува, може и **во страдањето да пронајде човечен пат, со кој ќе ги надмине проблемите**.

Тоа е тематиката на Ками. Кај него нема морална збрканост, тој знае на која страна да застане и во животот и во науката. Во бурните времиња тој *се определува*, се вложува со сета душа и сили, не е само нем сведок на настаните, туку нивни борбен учесник и предводник на етичката самосвест. Како своја духовна насока тој го избира **активизмот**. Во тешките воени години, малечкото, но највредно современо романеско дело “Странец“ укажува на апсурдноста на живеењето. Се расправа за малечок чиновник во Алжир, кој не знае зошто станал злосторник, а минува уште малку денови во затворот пред смртната казна. Настаните немаат смисла, тие се случајни и апсурдни, какви што се и тогашниот свет и живот. Апсурдот е беден тон на човечката егзистенција, тој е спротивен на умноста. Во таквиот свет човекот е “странец, кој не се препознава ниту самиот себе“. Философско објаснување дава “Митот за Сизиф“, каде се расправа за најтешкото философско-етичко прашања - *самоубиството*. Сизиф е античка митолошка личност, осудена од божествата да бутка камен до врвот на ридот, откаде овој повторно се тркала надолу и одново започнуваат маченичките страдања. Тоа неминовно трудење без видлив резултат и без крајно ослободување, за Ками е предизвик да востанови дека човекот не смее да се предава без оглед на тешкотиите и апсурдноста на задачите, дека **мора да издржи** (како што античкиот моралист стоикот *Епиктет* предлагал стискање на забите и издржување, непредавање).

Во романот “Чума“ се расправа за тешката античка и средновековна болест, која божемски во модерното време се јавила во еден алжирски град. Се претставува нејзината реалност и начинот како луѓето ја примаат, нивната индолентност, стравови, жалење за умрените, губење на соништата и надежите. Целта е да се разгледаат катастрофалните **неволји**, со кои може да се сретнат луѓето (тоа не се само војната и чумата). Такви зла ќе има секогаш, а некои мислат дека луѓето не може или не треба да се борат против нив, бидејќи немаат сили или ангажманот е јалов. Ками укажува дека против “чумата“ човекот може и мора да се бори. Себевложувањето е реален морален став за човекот, без оглед дали светот е апсурден - тој мора да ја **извршува својата работа** и секогаш да биде **на страната на жртвите на апсурдот**. Социјалниот морал, чија цел е да се намалуваат болките и страдањата, или барем овие да не се зголемуваат, го ослободува човекот од натисокот на осаменоста. Луѓето и нивните ситуации треба да се разберат, ним треба да им се помогне. Тоа е вредна **етика на солидарноста**. Ками прекрасно ги прикажува елементите на човечката соработка и дејствување, а посебно *вредноста на љубовта и на*

*пријателството*. За пријателството (како античките моралисти) сметал дека е добродетел која ништо не може да ја извалка и потемни. Во романот, по човечкото трудење и организираност, по борбата и поднесувањето, но и спонтано, незнаено зошто и како, болеста се повлекува, луѓето повторно се слободни и уживаат во животот. Бацилот на чумата си заминува во своите чаури (за да се појави повторно кој знае каде и кога). Во ова искушение пред луѓето беа поставени најсериозни етички и хумани прашања, од нив се бараше да се покажат. На Ками му префрлаа дека тој изложил "морал на Црвениот крст", тој одговори дека тој е на страната на заложбите, солидарноста и содејствувањето.

Делото "**Побунетиот човек**" не е непосредно сврзано за "Чума", како што претходниот философски есеј за Сизиф се надоврзува на "Странец", но е од истото подрачје на етичката размисла и претставува **капитален етички труд**. Апсурдот ги возбудува луѓето, тој во нив побудува прашања и вредносни одговори. Состојбата на негативностите раѓа кај луѓето *нихилизам*, тие му ја откажуваат вредноста на постоењето; тоа е израз на човечката празнотија и бес пред бесмислените и тешки страдања. Вредносниот нихилизам е уништувачки, недобар, несправедлив одговор, зашто не ги решава проблемите, туку ги продолжува апсурдните ситуации, а кај луѓето разбудува *насилнички* чувства и дејства, кои се голем извор за апсурдноста на човечкото постоење: "**Рамнодушноста спрема животот е белег на нихилилизмот**". Не смее да има премолчување: "Совршената апсурдност се обидува да биде нема". Притисокот не треба да се трпи, одговорот е **револт**, бунт, несогласување со состојбите, отфрлање на страдањето: "Бунтот се раѓа од глетката на неразумноста, пред несправедливата и несфатлива положба". Најдобро е ако бунтувањето против светот се заврши со солидарноста со сите луѓе, затоа што сите се во опасност, сите можат на бидат угнетувани. Во философијата на Ками има три категории, поврзани и заемно условени: апсурдот е појдовната точка, револтот е патот, слидарноста е целта кон која луѓето постојано треба да се стремат.

Револтот кај Ками не е гневна реакција и разуларена свест и дејствување, туку **нескротливост** наспроти негативностите и **кревање** пред апсурдностите на животот и на нечовечното однесување (во драмата "Праведници" го расправа големиот проблем на невините жртви на социјалните терористи, дали заради револуционерни цели смее да им се нанесува болка на другите луѓе - Ками укажува дека наспроти хуманоста се изнесува и "философија која може да служи за сенешто, дури за претворање на убијците во судии"). Нагонот за бунтување не е егоистички нагон. Револтот не се раѓа само, и нужно, во оној врз кого се прави притисок, туку може да се роди и кога се гледа мачење на некој друг. Тоа е **изворен** човечки начин на доживување и реагирање и затоа револтот-бунтот треба да ги одразува највисоките човечки квалитети и дострели, тој не смее да биде натамошна деструкција, туку одбрана на човечкото достоинство и израз на човечките творечки побуди и потенцијали. Во апсурдниот живот, не предавај се, заклучува Ками, кога те толчат, бунтувај се! Во бунтот, открива тој, човекот е зафатен со **преобразба**.

Револтот значи "ангажираност за правдина", за добрина, за ненасилство, за човештина, за почитување и за градење. Ками се ангажирал да го објаснува и критикува современото воено и политичко насилство. Кон крајот на ужасната Втора светска војна напиша серија "Писма до мојот германски пријател", со кои бара да се размислува за сторените недела, кои не смеат да се повторат: "Вие покажавте презир спрема **верноста, која ние сме должни да им ја укажеме на луѓето**" (слична важна книга за проблемот на заборавање на злосторствата "Кусо помнење" напиша во таа епоха познатиот француски писател и уметнички

критичар **Жан Касу**, 1897-1986). Во духот на француското интелектуално моралистичко настапување, Ками зборувал и бранел разни социјални и правни жртви, при што водел полемики со идеолозите и од десницата и од левицата. Во 1948 година Ками основал Одбор за помош на жртвите на тоталитарните режими. Во тогашната дебата околу смислата на Обединетите нации (во која учествувале повеќе најпознати мислители), Ками бил за основање на наднационална "светска влада" како пат кон решавање на најголемите антихумани проблеми. Во една полемика околу тоа зошто во своите драми и журналистички текстови ја напаѓа фашистичка Шпанија, Ками напишал: "Јас го кажав колку што можам посилно она што го мислам за руските концентрациони логори. Но, затоа нема да ги избришам од умот нацистичките логори Дахау и Бухенвалд, безимената агонија на милионите луѓе, ниту тоа како е задушена и убиена Шпанската Република. Сето тоа треба да се изнесе заедно". Тој ги нарече гнасна **чума** двете - и она што се случува во Западна Европа во фашистичка Шпанија и она што се прави во Источна Европа: "Вестите го тераат на очајување оној кој го цени човечкото достоинство". Кон тоа Ками посебно зборувал за одговорноста за оние дејства во Франција што ги понижуваат луѓето, а кои можат да се исправат само со потсетување на злосторствата и со поддршка на слободата. Тој уметноста ја третира како **морална сила**, инсистира на нејзината морална смисла. Со прикажувањето на заедничките страдања и радости, таа е средство да се раздвижат свеста и ангажманот на множество луѓе.

По книгата "Побунетиот човек" се случи *судир* меѓу дотогашните пријатели и соработници Сартр и Ками. Двајцата имаа нагласени хуманистички становишта. Но, Сартр стануваше сѐ покритичен кон буржоаските системи и поприврзан кон радикалните левичарски визии, а тоа во таа епоха можеше да значи јасна или имплицитна одбрана на комунистичките партии и режими. Ками остана политички неутрален, неповрзан за партиите, принципиелен **застапник на човечката слобода и чесност**, но постојано либертерски ангажиран како писател и новинар. Позната е неговата изрека, кога го прашале зошто не е политичар, дека тоа не може да бидат оние која ја сакаат *вистината* и кои се посветени на *убавината*. Во делото "Побунетиот човек" тој ја изрази својата **разгневеност** со масовните прогонства и правни злосторства во Советскиот Сојуз. Во заедничкото списание со Сартр "Модерните времиња" излезе негативна критика за "Побунетиот човек". Прочуената полемика која се водеше одекна во целиот свет, бидејќи пред јавноста се расправаше за најгорливите прашања на општочовечката и политичката етика на современата епоха. Повторно **етиката беше во центарот на животното внимание**.

Животот е тежок - истакна во своите дела Албер Ками - сите постојано се бориме со околностите и со страдањата, со луѓето околу себе и со самите себе за да ги надминеме разочарувањата, увредите, чувството на бессилност. Но, **животот е вреден да се живее**. Точката на стабилност, надминувањето на болката на апсурдноста, може да ја најдеме во човештината, во извршувањето на добрата должност, во неповредувањето и во помагањето на другите, во вчувствувањето во маките на луѓето, во пријателството и во соработката за исправни дела. Тоа ќе го оправда нашето постоење и активност, ќе значи олицетворување на големите етички идеи на човештвото. За нив Албер Ками даде бележит придонес.

Во нашите дни еден памфлет потсети на основната идеја на Ками за нужноста од бунтување против неправдите и лошите постапки. Книшка "**Побунете се!**" (2010) објави **Стефан Хесел** (1917-2013), роден во Берлин во семејство на писател и сликарка, кое од 1924-та живее во Париз. Завршил највисоки школи. Бил

борец во Слободна Франција на генералот де Гол. Испратен на тајна мисија, уапсен е од Гестапо и испратен во логорот Бухевалд. Требало да биде обесен, но успева да го замени идентитетот со умрен од тифус. Два пати бега од германските логори. По војната станува дипломат и испратен е во ОУН. Таму учествува во изработката на *Универзалната декларација за човековите права* како најмлад во комисијата (усвоена на 10 декември 1948). Потоа има и други дипломатски задачи. Ја коментира својата посета на Газа (2008, 2009) и дава јавна критика за тешката положба на палестинското население: "Секогаш бев на страната на маргиналните". Во својата 93-та година го крена својот глас поради **заборавањето на идеалите** од *Движењето на отпорот* за време на Втората светска војна. Вели дека тие принципи и вредности (за владеењето, животните услови, образованието) денес се попотребни од кога било порано: "Ние треба да се грижиме да не опаѓаат стандардите на општеството". Не треба да им се суди на оние кои протестираат ако оценуваат дека мерките на власта "повеќе не развиваат творечки и критички дух". Темите во книшката, преведена на многу јазици и продадена во милиони примероци, се: "Гневот е мотив за отпор", "Рамнодушноста е најлош став", "Ненасилството е пат по кој треба да научиме да одиме", "За мирољубив бунт" и др. Приложена е и Декларацијата за човековите права, како најзначаен етички, социјален и политички документ на новото човештво. Во заклучокот се вели: "Создавањето значи давање отпор. Давањето отпор значи творење".

**Етички мисли од Албер Ками**

“Самата борба да се вознесеме до највисоките врвови е достатна за да го исполни срцето на човекот.“

“Има средства кои не можат да се оправдаат.“

“Најголемото зло не е кога човекот очајува; полошо е кога ќе се привикне на очајот.“

“Човекот треба да се откаже од изговорот.“

“Да создаваш, тоа значи два пати да живееш.“

## 95. Мито Хаџи Василев

# НОВ ТИП ОДНОСИ ТРЕБА ДА СЕ ИЗГРАДУВААТ



Етичарите не мора да се насочени кон испитување само на моралните прашања, тие може да бидат и мислители за светот и за човечкото живеење воопшто, или да ги истражуваат смислата и карактеристиките на некоја историска епоха и на одреден тип човечки односи, а моралните аспекти да бидат дел од севкупната слика на типичното човечко однесување. Таков мислител беше Мито Хаџи Василев, кој направи **најоригинална согледба на односите во социјалистичката епоха**, во која тој живееше. По потекло од *Кавадарци*, каде што излегува оваа книга, на издавачите им е чест да го претставаат неговиот автентичен придонес кон објаснувањето на етичките дилеми и нужности во токму-што изминатиот историски период.

**Димитар-Мито Хаџи Василев** е роден во Кавадарци во 1922 година во едно од најпознатите семејства, Презимето им било Несторови, но потоа го смениле според нивниот познат дедо хаџи Васил, кој во Турско бил осуден и заточен во Мала Азија. По амнестијата, заминал на поклонение во Ерусалим. Неговото хаџиско звање го зацврстувале домаќинлакот, сериозноста, достоинството, мудроста. За хаџи Васил се сочувани многу анегдоти, исто како и за неговиот најпознат потомок Мито. И едниот и другиот, мошне умни луѓе, давале добри совети што да се прави. Дедото бил член на комисијата која по повлекувањето на Турците во Балканската војна требало да осигури ред и мир. Бил член и на извршната власт во Кавадарци по Тиквешкото востание во јуни 1913 година, која го организирала животот во градот и околијата во тие разнебитени времиња, за што помалку луѓе да настрадаат.

Мито учел во родниот град, а во Кавадарци се споменуваше дека бил најумно дете во градот. Многу сакал да чита. Гимназија завршил во Битола (тогашната асимилаторска српска власт ги затвори вишите училишта во помалечките македонски места). Таа генерација била опседната со барањето социјална и национална правдина; ја наоѓале во тогашниот Советски Сојуз и во комунистичката литература. Мито Хаџи Василев уште во гимназиските денови го има прочитано големиот и тежок Марксов "Капитал". Во 1940 година станал член на КПЈ (како еден од првите, ако не и најмлад од генерацијата). Се запишал на Правен факултет. Пред војната, во напливот на монархо-фашистичкиот терор, е затворан. Тогаш е секретар на Месниот комитет на младинската организација во Кавадарци. Го добил псевдонимот (прекар,

односно, како што се вика кај нас, "партизанско име") **Јасмин**, со кое Мито Хаџи Василев ќе го викаат сé до денес. По крахот на кралската Југославија, заради прогонувањето од бугарската окупаторска власт, во 1941 година прв во градот преминува во илегалност.

Мито Хаџи Василев е еден од организаторите на востанието против фашистите. Од 1943 година, кога центарот на НОВ во Македонија станува Тиквешијата, Мито Хаџи Василев е сé позначајна политичка фигура. По ослободувањето, сé до крајот на 1947 година е главен уредник на весникот "Нова Македонија", за чиј развиток има големи заслуги. Со јасноста на погледите и остримата на аргументите во своите уводници, статии и коментари, Мито Хаџи Василев го доби епитетот "*прво перо" на македонското новинарство* (и денес државната награда за новинарство и публицистика го носи неговото име). На оваа дејност ѝ останува верен, објавувајќи статии и, особено, коментари дури и кога извршува високи функции. Потоа објавува серија текстови за економскиот живот, за историските прашања на современиот развиток на Македонија и за антимакедонските притисоци од блиските земји. Во нив има многу интересни идеи, а најзначајната од студиите уште е онаа за концепциите и етиката на националниот херој *Јане Сандански* (1872-1915). Пратеник е во Народното собрание на НРМ, потоа член на Владата на НРМ и нејзин секретар, па член на федералното собрание. Тие години објавува полемички статии за судирот со Информбирото, што го тласна подемот на земјата кон послободни движења во однос на сталинистичката бирократска деградација.

Во 1952 година Мито Хаџи Василев го основа весникот "Социјалистичка зора", една од најдобрите тогашни ревии на македонски јазик (ревитализација на прочуениот истоимен скопски социјалистички весник од 1919-1920). Тогаш најмногу пишува за социјалистичката демократија, покажувајќи дека законитост во развитокот на социјализмот треба да биде демократијата на работниот човек. По подолгиот престој во НР Кина, прави серија написи за кинеските движења. Во 1957 година Мито Хаџи Василев учествува во Белград во организирањето на новиот весник "Комунист" (уште долго години по тоа се зборуваше за енергијата и способностите на Мито Хаџи Василев како моторна сила на новата редакција); иако го поканувале, Хаџи Василев не сакал да остане да живее во Белград. Пишува сé повеќе и позабрзано - ги објавува деловите од својата позната книга "За противречностите на социјализмот". Во 1960 година е избран за претседател на Идеолошката комисија на ЦК СКМ, со што и официјално станува водечка идејна фигура во Македонија. Го објавува своето најзначајно научно дело со нови идеи "Социјалистичката распределба според трудот". Идната година, во студијата "Социјалистичката распределба и проблемот на неразвиените", на *модерен* начин, кој уште е актуелен, го анализира овој голем проблем на современото човештво и предлага решенија за него. Во 1962-та Мито Хаџи Василев е повторно главен и одговорен уредник на "Нова Македонија". Ја објавува својата позната студија "Социјалистичката етика и динарот", која, заради нејзината радикалност, новина и современ третман, е *уникатна во социјалистичкиот свет* сé до неговото пропаѓање. Во 1965-та ги објавува првите делови од својата (незавршена и неиздадена како целост) студија "Теоретските прашања на социјалистичкото стоковно производство", која претставува ширење и *резиме* на неговите политекономски погледи.

Во мај 1967 година Мито Хаџи Василев е избран на највисока државничка функција во Македонија - **претседател на Собранието на СР Македонија**. И натаму е плоден во теоретската дејност (познатите кажуваат дека по цел ден пишувал, дури постојано бил со молив во раката и хартија пред

него - во него вриеле идеи). Објавува повеќе студии за политичката суштина на социјализмот. Како претседател на Собранието на СРМ, држи полетен национален и научен говор на свеченото отворање на Македонската академија на науките и уметностите. Ја објавува и познатата студија "Големата историска пресвртница", во која ги изложува своите погледи за актуелните состојби во социјалниот и политичкиот развиток. Не престанувајќи да работи и да изложува свои, модерни идеи, Мито Хаџи Василев почина ненадејно во 1968 година, на 45-годишна возраст. Македонија го ожали и достојно се прости од својот млад претседател. Зад себе остави **голем опус** од оригинални погледи, углед на умен човек, вреден писател и врвен интелектуалец, и карактеристика на остар полемичар и критичар. Неговите идеи, иако предизвикуваа дискусии и беа позитивно оценувани од група полиберални мислители, не беа спроведувани во нашата економија - но за она што денес се случува во кинеската економија со голем подем, може да се каже дека тоа е она што Јасмин го бараше за нашиот развиток (се знае дека неговите дела се преведени на кинески и дека ги читале највисоките кинески раководители).

Во рамките на разгледувањето на целината на социјалистичките односи, Мито Хаџи Василев има дадено **мошне интересна теорија за моралот во социјализмот**. Ова не се однесува на неговото интересирање за моралните прашања како составен дел од животот, во смисла дека луѓето и социјалните сили треба да водат сметка за своето однесување, односно во своето дејствување да се однесуваат во сообразност со цивилизациските дострели и со вредносните цели на општеството. За ова Хаџи Василев има напишано многу критички статии како новинар и повеќе историски и политички студии, во кои особено зборува против *непринципиелноста* - во третирањето на националното прашање, во односите меѓу социјалистичките земји, во политичкото и во секојдневното човечко однесување, и сл. Овде станува збор за неговите *ексклузивни* етички погледи, што тој ги изгради врз основа и во рамките на својата теорија на социјализмот, толкувајќи ги *во ист дух* и принципите на моралните односи во социјализмот. Автентичната етичка теорија на Мито Хаџи Василев е во согласнот со другите негови научни прилози за сушноста на социјализмот, за кого истакнува дека е **преоден историски период со свои карактеристики**, кои треба постојано да се преиспитуваат и за нив да се изградуваат сознанија, кои не можат да се појаваат пред практиката да ги покаже своите тенденции и противречности, дека за социјализмот се карактеристични приватната сопственот над работната сила, која ја задржува работникот, самоуправувањето како координирање на различните интереси, опасноста од администрирање и бирократизирање, нужноста од изградба на автентична демократија, оформување на личноста на граѓанинот со развиени погледи итн. Кога се има предвид како социјализмот догматски беше толкуван и бирократски управуван, ова јасно покажува каков *оригинален мислител* бил Мито Хаџи Василев и каков *автентичен генерален теоретски пристап* дал за разбирање на социјализмот како мошне сложено општество.

Хаџи Василев инсистира, како за сите појави во социјализмот, и за моралот да се зборува како за типичен однос на една особена социјална епоха. Секоја општествено-историска формација има сопствени противречности, свои мотиви, карактеристична општествено-економска, а, со тоа, и морална сушност. За Хаџи Василев, моралните процеси се компонента на човечкиот развој. За него моралните односи говорат за основните генерички својства на човечкиот вид во свеста на човекот, како што се: **труд**, **свест**, **заедница**. Тие се израз на нивото на човечките односи со природата и на степенот на нејзиното

совладување, коешто е рамка на односот на човекот спрема самиот себе. Во етичките визии, идеали, во човечките стремежи изразени во вид на етика се согледуваат основните позиции што човекот ги има спрема трите основни форми на својата егзистенција. За Мито Хаџи Василев, социјалистичката етика произлегува од социјалистичките продукциони и општествени односи, т.е. станува збор за односот спрема општествениот труд, спрема општествената сушност на човекот и неговата активност, спрема условите за развиток на свеста, спрема творештвото, спрема подемот на слободата итн.

Според Мито Хаџи Василев, во новата етика на социјализмот најнапред треба да влегува сосем **ново сфаќање и нов однос спрема трудот**. Од тоа дека трудот е само трошење на работната сила покрај машината, работничката класа треба да дојде до свест дека трудот е организирање на општествениот процес на производството, а тоа и практично да го реализира. Овој нов однос спрема трудот не може да се совлада "со агитација и со етички проповеди" на партијата. Во тој процес, покрај делувањето на свеста, мора да постои и економска принуда, која изградува нов однос спрема трудот и формира нова социјалистичка *етика* - спрема трудот, спрема заедницата, спрема свеста. За Јасмин, тоа се моралните премиси на законот на вредноста, односно на пазарното стопанство во социјализмот. Затоа класата има потреба од него.

За Мито Хаџи Василев стоковното производство не е фактор на моралната дезинтеграција, ниту на производителот, ниту на вкупниот производствен процес во социјалистичкото општество: "Јас тврдам дека тоа е фактор на развивање на **етика на здружениот труд**". Според него, тоа има *регулативна функција* во развитокот на социјалистичкото производство и *позитивна улога* во развитокот на социјалистичките односи и во изградбата на етичките односи на новото општество. Законот на вредноста, за Хаџи Василев, претставува економска принуда, која производителот го води кон сé порационално и поефикасно трошење на живиот и опредметениот труд. Хаџи Василев истакнува дека општеството не ќе може да оди натаму во развиток ако основната маса на општеството не создаде во себе елементарна навика за таквото однесување, ако тоа не стане *дел на нејзината природа*, така *да не може поинаку* да се однесува спрема трудот. А за доаѓање на општеството до ова не е доволна само свеста, без економска основа. Законот на вредноста е економска природа на движењето на производителот кон таков однос спрема трудот. Неговата *морална премиса* е во штедењето на опредметениот труд, т.е. во постојаното барање за снижување на трошоците на производството. Ние не може само етички да го поставиме проблемот, истакнуваше Јасмин, производителот да се однесува со целосно внимание спрема општествената сопственост, како спрема јавно добро, да не го растура тој труд, да не ја краде таа сопственост итн., особено да не го растура трудот преку диспропорции на општествената поделба на трудот, преку расфрлање на суровини, кршење на алат итн. За овој проблем, што обично се сведува на етички принцип, Јасмин ќе каже: *економијата нема време да се игра со етиката.*

Само оној систем што го држи трудот и натаму во општите рамки на наемните односи на производството и на распределбата - чувствува *потреба од морализирање*, констатира Хаџи Василев. За проблемите на економијата тој систем резонира демагошки, со помошта на моралот. Ускратувајќи им го на производителите правото непосредно да го управуваат својот општествен труд и распределбата на својот општествен производ, само илузорно се изразува "загриженоста" за "справедливото" социјалистичко наградување. Но, вели Хаџи Василев, "моралните категории немале никогаш некое значење во движењето

на објективните економски категории". Законот на вредноста го тера производителот да ги смалува трошоците на производството и да внимава на општествениот имот. За Хаџи Василев, *економскаша* функција на законот на вредноста се совпаѓа со *ешичкаша* компонента на социјалистичкиот однос, со **воспитувањето на производителот на нов однос спрема трудот**. Законот на вредноста интегрира и економски и општествено, па така интегрира и во моралот. Хаџи Василев укажува дека е погрешен и заклучокот оти стоковното производство води кон комерцијализација и кон инсистирање сите други сфери и дејности во општеството да му се потчинат на стопанството, божем го уназадуваат нивното значење и општествената положба. Напротив, тоа врши притисок за интегрирање и за добивање на целосно значење на сите сфери на трудот во севкупниот процес на производството. "Ако производителот не може со просветување доволно брзо да го убедиме колку е значајно да се служи со науката за да може да се одржи во современиот производствен процес, него економијата и стоковното производство ќе го убедат во тоа. Ќе го убедат многу побрзо, многу поефикасно отколку целата наша пропаганда", велеше Хаџи Василев.

Поради тоа, за Јасмин **етичките прашања се посложени** отколку што тоа на прв поглед се чини, особено кога се сака од морален аспект да се просуди каде се наоѓа општеството, дали е во конфузија или не, дали се деградира како една општествена и морална заедница или не, значи - дали има "морална криза". Затоа Јасмин ја критикува онаа етика "на која ние често од глава сме ѝ припишувале принципи и норми".

Тој тоа особено го покажа во трудот "Социјалистичката етика и динарот" ("Нова Македонија", 1962), кој предизвика бурни реакции во јавноста. Овој етички труд на Хаџи Василев е напишан во сообразност со неговата теорија на социјализмот и неговата реална политичка економија. Според пристапот на Јасмин во "Социјалистичката етика и динарот" тоа претставува *единсшвено дело* во марксистичката наука и - според радикалноста на ставовите и теориските консеквенции - може да се споредува со трудовите на Пол Лафарг "За мрзеливоста", на Александра Колонтаева "Новиот морал и работничката класа", на Преображенски "Новата економика", на Вилхелм Рајх "Мистерија на оргазмот", на Милован Ѓилас "Нова класа" и со драмата на Бертолт Брехт "Мајка Храброст".

Поставувајќи го проблемот на односот на социјалистичката етика и парите, Мито Хаџи Василев посочува дека се шири сфаќањето дека парите се "антипод на социјалистичката етика", дека се во постојан и непомирлив судир со категориите на социјалистичката свест, дека ги "нагризуваат" моралните вредности на социјалистичкото општество, ги комерцијализираат човечките побуди и активности и ја разоруваат социјалистичката личност. Поради тоа се вели дека "социјалистичката етика почнува од онаа страна на динарот, така да се каже - како *корекшив* со кој општествената свест интервенира против стихијната логика на законот на вредноста, со кој, значи, таа ја обезбедува социјалистичката суштина на односите меѓу луѓето наспроти притисокот од целото стоковно производство, кое на луѓето им го наметнува токму динарот како суштина на нивните односи". Божемски таму каде што настапуваат парите отстапувале принципите, "се губи човекот, се деформира политиката, настапува рамнодушноста и егоизмот на индивидуата, на работниот колектив, на комуната... наспрема општите и трајните интереси". Се јавува и згрозување над она што се случува на почвата на стоковното производство и се смета дека потекло на сите "гревови" на социјалистичкото општество е во парите. Од тоа

би произлегувало дека социјалистичките интереси и односи би можеле да се бранат и да се развиваат само преку интервенција на свеста против парите, односно социјалистичката етика би можела да се изградува само врз ограничувањето на слободното дејствување на вредноста, за кое се тврди дека е основа за сите деформации.

За Мито Хаџи Василев ова значи безобѕирно клеветење на парите. Парите се само *посредник* меѓу реалните општествени движења. Одделните решенија и тенденции во општеството извираат од постојните материјални односи на општеството и од присутните противречности на општествениот развиток, а парите само ги регистрираат решенијата што ги прифатило или допуштило општеството. "*Динарот не создава деформации, тој само ги изразува*", кажа Хаџи Василев. Самото стоковно производство, законот на вредноста и парите не носат непосредна одговорност за пробивот на деформациите во развитокот.

Јасмин дури ќе каже: *Надвор од динарот не може да се изградува моралот на социјалистичкото општество*. Етиката и нејзината суштина во секоја историска епоха во развитокот на човекот биле определени од односот спрема општествениот труд, односно го изразувала тој однос. Според Хаџи Василев, **моралот на социјалистичкото општество треба да се раѓа од укинувањето на сите видови експлоатација и општествен паразитизам**, т.е. неговата основа треба да ја сочинуваат ослободениот труд и ослободувањето на личноста во трудот. Основната вредност на социјалистичката етика Јасмин ја гледа во длабоко моралниот процес на **изградба и воспитување на општеството да се однесува човечки спрема трудот**, не само како спрема основна претпоставка на својата егзистенција, туку и како спрема творечки процес, во кој се изградуваат димензиите на вистинскиот човек и личност, а кои се изразуваат низ социјалистичката распределба според трудот.

Пророчки прозвучуваат зборовите на Хаџи Василев за перспективите на социјализмот: "Општеството кое не е во состојба да го движи оптималниот развиток на производните сили и на продуктивноста на трудот - пројавува паразитизам, *морално се распаѓа*".

Така **политичката економија станува клуч и научен собеседник на етиката**. Збор е за едно од решенијата на стариот проблем на етиката - **принципите да се градат од самиот живот и според неговата логика**. Зашто, внесувањето на принципи однадвор ја сокрива суштината на човечките односи и ги заживува мистификациите од различен вид, распнувајќи го во моралот човекот помеѓу грубата реалност и доброто. Во тој случај доброто нему му заличува на *неостварлив* идеал, правејќи од него како суштество на оваа противречност - или конформист, незаинтересиран за унапредување на животот, или конфликтна личност, бидејќи неговите животни принципи ("високи" идеали) не можат да се реализираат, па ни тој самиот не може да ги реализира; тоа не зависи од неговата морална волја, туку од движењата и силите што реалноста ја водат по оддалечени или по други патишта.

Хаџи Василев гласно порачуваше: "*Не треба да ги идеализираме работите!*... Човекот не е расипан, но не треба да се идеализира и од него да се бара поинаку да се однесува од она што тој може да е".

Поради тоа, за Јасмин се етички оние елементи во општеството кои создаваат услови да се *надминат* бирократизмот како фактор на аморалноста, привилигиите, неодговорноста, деформациите и "самозаборавеноста на претставниците на работничката класа во државниот апарат", бирократизмот како "р'ѓа" на социјализмот - а да се *развие* дејствената суштина на човекот, и

тоа не во смисла на работа, туку во смисла на општествен субјект, кој одлучува за општествените проблеми, кој го решава својот однос на размена на материјата со природата, го унапредува целото свое творештво. И самата **политика има своја морална димензија**. Доколку ги отвора и остварува реалните простори за слободен развој на општествено-економските односи, со развој на самоуправувањето и на демократскиот економски систем, велеше Хаџи Василев, таа може да биде многу морална. Спротивно е ако превладуваат бирократските тенденции и сили, кои од своите позиции на привилегии и моќ се обидуваат на социјалистичкото општество да му *наметнат* некаква "своја" етика. Или, пак, ако политиката прокламира еден систем, направи една антиципација и ги отвори движењата во општеството, а тие не се реални, таа може многу брзо да стане аморална, освен со тоа што ги залажува масите, и со самото тоа што ја загрозува иднината на движењето на класата доколку тоа не е реално.

Така и се случи - социјализмот во европските земји доживеа колапс, режимите пропаднаа брзо и неумоливо. Мито Хаџи Василев имаше оригинални идеи, кон кои никој (на пример, *Карл Корш*, или *Роберт Хафеман*, или *Ото Шик*) не се доближил толку целосно, во смисла да изгради слика за суштината на социјализмот, која, ако се водеше сметка за неа, ќе овозможеше подобро развивање на таквиот систем и на животот на луѓето во него (јас напишав *докторска дисертација* за теоретските погледи на Мито Хаџи Василев; ги присобрав неговите книги и текстови и подготвив нивно *критичко издание во 6 книги*, со извори, белешки, регистри - Хаџи Василев е единствениот македонски автор кој има критичко издание на своите дела; објавив неколку негови *непознати ракописи*; во Кавадарци објавив *обемна монографија* "Мито Хаџи Василев", со претставување на сите негови идеи; во Кавадарци со неговиот роднина инж. Цане Хаџивасилев направивме кратка верзија на неговата *биографија и погледи*; во "Нова Македонија", по повод 80-годишнината од раѓањето, објавив посебен *фељтон* за нејзиниот прв уредник во 40 продолженија; итн.).

Мито Хаџи Василев беше истакнат мислител, реформист. Своите сознанија на научна основа ги објавуваше како образложен став; кај учењата за моралот се гледа дека би било подобро да ги давал во форма на кондиционал ("треба"), што соодветствува на етиката и им се наложува, но и предлага на луѓето за соодветно постапување. Можеби така неговите интересни автентични знаења ќе станеа и пореална практика, а тој не ќе беше **неразбран пророк** за еден важен тип живеење, кое пропадна минувајќи низ кризи на развитокот.

**Етички мисли од Мито Хаџи Василев**

"*Социјализмот не е никаква апстрактна општествена суштина, туку историско настанување на новите општествени односи во времето и просторот.*"

"Социјализмот е само еден процес на изградба, а не готови дадени односи."

"Новата општествена содржина не може да се развива во старата форма."

"Социјалистичкото општество треба да се бори во луѓето да изградува нови сфаќања, нови односи кон трудот, имотот, заедницата, луѓето, општествената активност, нов аспект на општественото и личното оценување за тоа што е правилно, убаво, добро, човечно, допуштено, корисно, а што не е."

# 96. Лоренс Колберг
# 6 СТЕПЕНИ НА ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ



Во моралот, како и во животот, постојано придоаѓаат нови теми и проблеми, за чие разбирање и решение е нужно да се напрегне човечкиот ум, а неопходен е и придонесот на најзначајните творци на епохата. Една од новините на денешницата е согледбата на етичкиот хабитус на личноста, посебно процесот на нејзиниот развиток. Иако етиката постои со милениуми, очигледно новите психолошки и социјални сознанија можат да покажат нешто посуштествено во етичката градба на човековата свест и однесување. Моралниот развој на личноста стана една од главните теми на етиката и на другите науки, а откритијата на тоа поле го отворија процесот на етичкото образование. Најзаслужен за денешните сознанија за етичкиот комплекс на човекот и, посебно, за **афирмацијата на специфичното етичко образование на младите** е американскиот психолог и философ Лоренс Колберг.

**Лоренс Колберг** е роден во 1927 година. Студирал психологија и има направено многу важни истражувања на себеидентификацијата, на личниот развиток и на мотивацијата за етичко дејствување. Сé повеќе се ориентираше кон **истражување на моралниот развиток на личноста** и стана најзначаен светски научник за тие прашања во 1970-1980-тите години. Се прослави со текстот “Психолошка разгледба на етичкото образование“ (1971), во којшто ги изложи своите погледи за степените на етичкиот развиток на личноста. Паралелно со тоа ги претставуваше своите визии за **справедливоста** во општествените односи, за тоа колку оваа вредност е значајна за демократското општество и како делува кај современета личност. Тој справедливоста ја изедначува со моралноста, бидејќи тука станува збор за заемност и еднаквост помеѓу луѓето во нивната средина. Во 1981 година го објави капиталното дело “Философија на моралниот развиток“, а три години подоцна и вториот том “Психологија на моралниот развиток“.

Во центарот на психолошките науки во Бостон, на Универзитетот Харвард Колберг основа исклучително значаен **Центар за морално образование**. Во САД има традиција на етичкото образование - разни неделни училишта за младите, предавања во различни верски групи, а движењето Етичка култура во Њујорк, заедно со многу други асоцијации и етички активности, дејствуваа уште од крајот на XIX век. Сега повторно се развија проекти, истражувања и дискусија околу значењето на етичкото образование. Лоренс Колберг

предводеше група научници, кои од разни аспекти на човечкото живеење ги образложуваа сознанијата за етичките погледи и моралниот статус на личноста, а исто така сконцентрирано се заложуваа за воведување и ширење на општото етичко образование на младите.

Во модерната епоха имаше многу недоразбирања околу модерното етичко образование на младите. На таквите идеи се противставуваа не само традиционалистите, туку и застапниците на т.н. "слободно мислење", се кокетираше со *нихилизмот*, кој ги отфрлаше животните вредности, или со класичниот *лаксизам*, кој на личноста ѝ дава право да се сомнева во секоја морална норма и да ја отфрла оправданоста на секој морален идеал, односно да постапува без никакви стандардни морални начела. А ни етиката уште не беше инаугурирана во најважна наука на современата епоха, Меѓутоа, сѐ се движеше во таа насока и идејата за етичко образование го пробиваше патот и стануваше позната во целиот свет. Самиот Колберг имаше големи проблеми со научниците кои не ги прифаќаа неговите рационални и хуманистички ставови. Беше подложуван не само на научна критика, туку и на безмилосни напади врз неговите идеи и него самиот. Во мистериозни околности Лоренс Колберг умре во 1987 година, во совршена научна кондиција.

Колберг се занимаваше со еден од проблемите кој сѐ повеќе го интересира човештвото - **што се случува со личноста која треба да стане морално активна и одговорна**. Позицијата е класична, секој треба да научи да се однесува во општеството и да ги почитува неговите норми. Контроверзите се јавуваат кога ќе се испитаат смислата и текот на моралното воспитување.

Четири децении пред Колберг, големиот швајцарски психолог и филозоф **Жан Пијаже** (1896-1980), еден од најзначајните и најпродуктивни психолози на XX век, даде важни објаснувања за природата на моралот и за етичкиот развиток на личноста. Во животот постои еволуција на сознајните, социјалните и моралните ставови. Прво е **моралната хетерономија**. Преодот од неа **кон етичката автономија** е суштествена потреба на еден вистински и творечки човечки живот. Тој преод е процес. Хетерономните појави, со кои на личноста ѝ се заповедува што да прави, постепено ја загубуваат својата оправданост и силина - а почнуваат да се јавуваат и надвладуваат појавите на *автономијата*, со којашто личноста самата ги определува своите вредности и норми, за тие да станат суштествена карактеристика и морален водач на личноста. Тоа е единствениот **пат** по кој личноста доаѓа до периодот на зрелост и етичка изграденост. Затоа треба да се спроведува етичко образование на личноста, кое ќе го помага развојот на личноста од хетерономија кон автономија. Тука се нагласуваат две страни - когнитивната страна на моралноста и развојната страна на личноста и на нејзината етичност.

Така се продолжени суштествените истражувања и учења на Жан Пијаже за психичкиот и за моралниот *развиток на личноста*, кои ги дадоа основите на денешната детска психологија, педагогија, медицина и др. Неговото истражување на моралните ставови и поведение кај децата "**Моралното расудување кај детето**" (1932) е прво научно сознание за паралелизмот помеѓу интелектуалното и етичкото напредување кај секој човек. Пијаже покажа дека децата не можат да станат несебични и да имаат обѕири кон другите додека не ги развијат своите сознајни способности. Како теорија за два стадиуми на моралното постоење на секоја личност - хетерономен и автономен - оваа теорија стана извор на новите идеи за **етичкото образование на младите**:

"Нашето истражување - пишува Пијаже - нѐ води кон сознанието за паралелизмот помеѓу моралниот развој и интелектуалниот напредок. Сите го

имаат забележано меѓусебниот однос помеѓу моралните и логичките норми: логиката е морал на мислењето, како што моралот е логика на истражувањето... Психосоциолошкото истражување ја поддржува теоријата на нормите и забележа паралелизам помеѓу воспоставувањето на логичката свест и на моралната свест... Соработката (помеѓу младите личности) го отфрла егоцентризмот истовремено кога тоа се случува и со моралниот реализам и води кон интериоризација на правилата. Еден нов морал следува по оној на чистата задача. **Хетерономијата** ѝ отстапува место на свеста за доброто, а **автономијата** доаѓа како резултат на прифаќањето на нормите за реципрочноста... Соработката на морален план доаѓа напоредно со развитокот во интелектуалната сфера".

Во оваа когнитивно-развојна концепција, чиј главен застапник стана Лоренс Колберг, главниот вид на моралноста е **етичкото мислење**, а во втор план се емоциите и т.н. “постојани карактеристики“ на личноста. Развојот на личноста се согледува како **движење напред**, со минување на определени стадиуми, кои се јавуваат по ред, така што претходните ги подготвуваат следните, а наредните произлегуваат од оние што претходат.

Лоренс Колберг го разви когнитивно-развојниот пристап кон етичкиот развиток и етичкото образование на личноста. Овој најпознат психолог на моралот кон крајот на XX век даде мошне значајна теорија за **стапките-стадиумите на етичкиот развиток**, со што ги прошири, детализира и дообјасни основните позиции на Жан Пијаже. Во “Философија на моралниот развиток“ Колберг укажува на реалноста на етичкиот развиток, односно испита и објасни како единката го минува патот од суштество кое е водено од нормите од некој авторитет кон зрела личност, која има и си ги следи своите начела, во коишто се изразуваат нејзините сознанија за заемноста и симпатијата, како и за справедливоста, и претставуваат иманентна основа на нејзиното дејствување.

Колберг востанови **6 стадиуми** во развитокот на моралното судење, кои се изразуваат низ **три нивоа на моралната свест** (секое ниво има по два стадиуми), кои едноставно аналитички ги нарече: предконвенционално (доконвенционално), конвенционално и постконвенционално ниво. На секое од овие морални степени му соодветствува еден тип на личност и еден вид на морално сфаќање и однесување.

На првото ниво социјално-моралната свест се изразува како **подреденост кон моралните принципи**, кога постои различност на моралната свест на личноста од владејачките морални принципи - ова е својствено за децата под деветгодишна возраст, за некои млади личности и за повеќето единки со девијантно однесување. За второто ниво е карактеристична **општа согласност (конвенција) околу моралните принципи** - тоа е статус на моралот кај мнозинството тинејџери и возрасни личности во сите општества. Третото ниво е состојба на високи морални принципи на личноста. Ова “ниво на принципи“, или “ниво на приклонување кон **самоприфатените морални начела**“, го достигнуваат само некои возрасни личности, и тоа по дваесеттата година од животот, а се однесува на вистинските етички димензии на постоењето, кога се креираат важни и нови морални вредности, насоки, принципи и норми.

Во сите три нивоа на моралноста постојат особени односи на личноста спрема социјалните норми и барања. За Колберг, тие претставуваат “релација помеѓу мене и социјалните правила и очекувања“. За предконвенционалната личност правилата и социјалните очекувања остануваат надворешни, тие се вон од самата неа. Кај конвенционалната личност сопството на човекот се идентифицира со правилата и со очекувањата на другите, односно ги

интериоризира (свесно ги прифаќа) правилата на другите луѓе, особено оние кои доаѓаат од авторитетите. Постконвенционалната, автономната личност го диференцира своето Јас од социјалните правила и очекувања на другите луѓе, а вредностите ги определува според лично, индивидуално одбраните начела.

Трите морални нивоа значат и **три типа на морална ориентација**. Првото ниво се карактеризира со "конкретна индивидуална ориентација", при второто ниво личноста е "дел на општеството", својството на третото ниво е "приоритет на социјалната ориентација". Најнапред личноста е загрижена за општественото одобрување на нејзиното однесување, потоа настојува околу лојалноста спрема личностите, социјалните групи и авторитетите, а конечно се грижи за благосостојбата на другите луѓе и на општеството. Оттука произлегуваат значајните сознанија на Колберг за доминантните мотиви на овие **6 морални стадиуми во развојот на личноста** (по 2 во секое ниво):

За првиот стадиум е карактеристична **хетерономија** - личноста се труди да биде послушна и да избегне казна. Како исправно се смета слепо покорување на правилата или на авторитетот и избегнување на казнувањето.

Во вториот стадиум се доминантни **индивидуализам и инструментална цел и размена** - личноста се труди да заслужи награда и да ги заштити личните интереси, а полека го открива значењето на односите со другите луѓе. Како исправно се смета служењето на сопствените потреби, делумно и на потребите на другите личности, а често се прави спогодба како морална размена.

Третиот стадиум е степен на **заемни очекувања** и на **меѓусебни релации и усогласување** - единката настојува да оствари согласност со другите и да избегне нивно негодување и неодобрување заради нејзиното однесување. Исправно е да се игра добра, пристојна улога, да се води сметка за другите луѓе и за нивните чувства, да се биде лојален на пријателите, да постои придржување кон моралните правила и да се исполнуваат етичките очекувања.

Во четвртиот стадиум се најважни општествениот систем и совеста - личноста е ориентирана кон **законот и редот**, се труди да избегне неодобрување од легитимните авторитети, како и чувство на вина за своите дела. Исправно е да се извршува сопствената должност во општеството и да се поддржуваат општествениот поредок и доброто на заедницата.

На петтиот стадиум доминираат **општествените договори** или јавната корист односно **индивидуалните права** - мотивот на личноста е социјално договарање, т.е. желба да се здобие со одобрување од беспристрасните пријатели и да се обезбеди благосостојба на заедницата. Се смета за исправно ако се поддржуваат базичните вредности на општеството, како и справедливите принципи, дури и кога тие се во судир со конкретните правила и закони на групата (општите етички вредности имаат посилна вредност отколку моралните правила и налози).

На шестиот стадиум се стига до **универзалните етички начела** - личноста се раководи од универзалните етички принципи и има интимен однос со етичноста, а кај неа се формира високо чувство на самодостоинство. Личноста смета дека треба да пропагира и спроведува универзални етички начела, верува дека кон нив би требало да се придржуваат сите луѓе. Според Колберг, **врвните принципи на човештвото и етиката се еднакви за сите луѓе и култури**.

Така интелектуалниот развој на личноста води и кон развиток на нејзините социјални сознанија, чувства и поведение, а овие во последните фази ја разоткриваат високата етичка димензија на зрелата човечка личност. Стадиумите на моралните ставови се серија од различни сфаќања за основите на етичкото однесување и за содржината на моралот и на справедливоста (како

базична социјална етичка вредност). Мошне е интересно учењето на Колберг од последните години на животот дека има уште еден, **седми степен** на моралното однесување. Тој тоа го поврзува со поимот на религијата, но “не мора нужно да биде сврзано со Бог“. Тоа Колберг го објаснува со идејата на космосот како инспирација за човековото постоење (го споредува со поимот *агапе-агапизам* во етичка смисла на љубов за сé што постои). Слична идеја за **етика поврзана со разбирањето на космосот** разви пред тоа рускиот научник **Константин Циолковски** (1857-1935), автор на многу книги, помеѓу кои и на "Космичка философија". Таквата визионерска сознајна и етичка ориентација, за која рускиот автор не наоѓаше секогаш разбирање кај своите современици, денес се нарекува **космизам**, и ги оваплотува не само концепциите на Циолковски за космосот и за патувањето низ него и за населувањето во него, како и погледите на многу научници и писатели на научно-фантастични дела, туку и идеите на **Џордано Бруно** (1546-1600), кого што го запалија зашто учеше дека постои **плурализам на световите**, а нашата Земја е само камче во Вселената, во која има уште илјадници и милиони слични светови (оваа идеја е поврзана со една културна визија за т.н. "**прва средба**" со суштествата од другите светови).

Лоренс Колберг ја унапреди психологијата на моралот и развојната психологија на личноста, а особено ги зацврсти темелите и сознанијата на новата концепција на **етичкото образование**, како важна современа образовно-воспитна форма, низ која личноста на младиот човек ќе се изгради како **слободен, зрел, одговорен и творечки морален субјект**. Ова е резултат на идеите на Пијаже и на Колберг, како што нивните концепции се битни во многу области на психологијата, психијатријата и социјалните релации. Лоренс Колберг како фина личност, голем научник и организатор на истражувањата, чии книги и прирачници се базични за испитување на светот и човекот, со својата љубов за етиката и со истакнувањето на сложената структура на моралот и на реалното степенување на погледите и на делата на луѓето отвори нови пристапи кон разбирањето на доброто и на етичката ангажираност на современите луѓе.

Од Скопје потекнува едно интересно истражување и етичко-педагошко сознание врз основа на ставовите на Лоренс Колберг. Семејството Пејовиќ, по потекло од Плевља, живееја долго во Скопје, тука нивниот син Мирко заврши гимназија, како и неговиот брат поетот Миленко, философ (1943-2007), и другиот брат Милан-Мишо-Пејо, економист (1945-1993). Д-р Мирко дипломира на скопскиот Медицински факултет, специјализираше психијатрија во Белград, стана познат лекар по социјална психијатрија и професор на белградскиот Медицински факултет. Ќерка му Милица (1970), како најдобар студент на белградскиот Медицински факултет (1993), магистрираше на Универзитетот Нотр Дам во САД (1995) и докторираше во Белград (1998). Специјализацијата ја спроведуваше кај поранешните асистенти на Колберг. Во својата докторска дисертација "Пореметувањата на однесувањето кај децата и младината - морални и психопатолошки аспекти" (објавена во 2001) ги објаснува задачите на детската психијатрија како нова дисциплина, која се занимава со израснувањето на детето во зрела и целосна личност, при што пореметувањето на однесувањето е еден од најчестите психијатриски проблеми. Моралноста, која се развива од најраните денови на личноста, води кон усовршување и изградба на автономноста на личноста, како што видовме кај Пијаже и Колберг. Во дисертацијата се покажа дека недоволната развиеност на моралното мислење кај девијантните младинци е резултат на нивната неупатеност во моралните вредности. Д-р Милица Пејовиќ-Милованчевиќ, соработник на белградскиот Институт за ментално здравје, предлага промоција на моралното воспитување и на

моралнодо однесување како еден вид здраво однесување што може да им помогне на ваквите деца. Образованието претпоставува прифаќање во свеста **знаење за моралните барања на општеството, за должностите и за вредносната содржина на моралот**. Кај индивидуата треба моралното знаење да се обликува во постојани навики на моралното поведение. Така **моралното воспитување** се покажува како нова форма на работа со ваквите деца.

Ние се зафатиме **во македонското општество и школство да се воведе етичко образование**, како специфичен дострел и неопходност на новата етика. Од 1975 година во рамките на Естетичката лабораторија на Филозофскиот факултет се обидувавме да ја искористиме воспитната улога на уметноста и да ја развиеме хуманата и критичката доживелица кај младите преку уметноста (за тоа пишува д-р Љубиша Никодиновски во својата студија за алтернативниот театар во Македонија). Од 1990-тите години, заедно со акцијата на УНЕСКО за развој на етиката и воведување на етичкото образование, тоа го правевме со анимирање на јавноста, со редовни писма до јавноста, со воведување на новите форми на студирање на етиката (еколошка етика, биоетика, професионална етика во повеќе дисциплини) и со етичкото дејствување во разни сфери и медиуми (преведување и објавување значајни етички дела, јавни предавања, радио серии, телевизиски емисии, учество на научни и стручни собири, изработка на дипломски, магистерски и докторски трудови од областа на етиката).

Посебно се значајни нашите автентички сознанија поврзани со низа *експериментални* наставни активности по етика во средните и во основните училишта и во градинките. Имаше експеримент за образование по етиката и биоетика во 4 македонски средни училишта од првиот до четвртиот клас (во Драчево, Крива Паланка, Кавадарци и Скопје - во Кавадарци образованието во III клас со елементи на Биоетиката го спроведе професорката Марија Тасева во Земјоделското училиште "Ѓорче Петров"), а во гимназијата/ветеринарното училиште во Драчево основавме Центар за етичко и биоетичко образование со интернационална мрежа (што можеше да стане мошне значајна институција, ако работата не беше прекината од училишните власти). Во VI одделение во ОУ "Партениј Зографски" беше организирана експериментална настава по етика. Во ОУ "Здравко Цветковски" имавме трогодишна експериментална настава по етика во II-IV одделение, со што постигнавме светски значајни етичко-педагошки резултати. Во градинките "Корчагин" во Скопје две години спроведувавме етичко образование со најмладите (4-7 години). За потребите на овие настави изработувани се текстови, речници и други материјали, кои јавно се публикувани (во "Колибри" на "Нова Македонија" од 2000 година непрекинато секој вторник се објавуваат текстови за етика/биоетика за младите; во "Другарче" е објавен првиот континуиран годишен етички стрип за младите и вежби по етика). Како резултат на овие иницијативи е воведена настава по етика во 2 и во 3 клас гимназија и настава по етика во 6 одделение. Магистерски и докторски трудови изработија д-р Олга Пешевска-Заревска, д-р Јован Лозановски, д-р Љубица Тупузоска, д-р Зоран Крстевски, д-р Гордана Никчевска, д-р Бранка Минчева, д-р Драгор Заревски, м-р Илинка Торбоска-Смилеска, м-р Каролина Трпчевска и други. Почна етичка настава и на разни факултети, како базична форма на професионалното образование. На докторските студии е воведена настава по Етика на науката (за што посебно се заложува УНЕСКО). Сето тоа - и многу други етички акции и форми - се резултат на нашето дејствување за достигање на автономијата на моралната свест и за изградената морална едукација според Жан Пијаже и Лоренс Колберг.

**Етички мисли од Лоренс Колберг**

“Луѓето треба да живеат според моралните принципи што ги ценат.“

“Праведливоста е идеална рамнотежа на социјалните меѓуодноси, со возвратност како суштествен услов за логичка и морална рамнотежа.“

“Постапувај со секој човек како да е цел и почитувај ги неговата личност и достоинство.“

“Постапувај со сите луѓе како да се еднакви на тебе!**“**

# 97. Мартин Лутер Кинг
# МЕЧТИ ЗА ВИСТИНСКИ ЖИВОТ



Новата човечка генерација има поинакви размислувања и поинакво однесување отколку претходната или поодамнешните. Не станува збор за поведението дома или помеѓу другарите, на училиштето или во слободното време, во љубовта или со непознатите луѓе. Новите норми на секојдневното постапување претставуваат речиси нормално менување на правилата на однесувањето кај новите луѓе во подобрените или во забележливо изменетите материјални и социјални услови. Говориме за **промените во идеите на новата генерација** за големите прашања на опстојбата - слободата, творештвото, хуманоста, индивидуалноста, односот спрема Природата и спрема заедницата, релациите помеѓу родовите, општочовечките дејства... Џез-младината од "лудите 1920-ти" ги изразуваше задоволствата од завршувањето на т.н Голема војна (1914-1918) и од новите индивидуални слободи; младината во 1930-тите години не беше многу среќна од општата економска криза и од јасните закани со новата светска војна (во која десетици милиони млади платија со својот живот за диктаторските занеси на своите водачи или за да ја одбранат слободата и демократијата); збунетата, егзистенцијалистичката, битничката или хипи тајфата бараа внатрешно себеиспитување и поенергично да се ослободат од притисоците на класичниот естаблишмент, кој и натаму опстојуваше врз старите животни решенија, а од младите се надеваше само да се приклучат кон нив. Новата генерација во и по 1960-тите може да ја наречеме **генерација на промените**. Таа младина си направи резиме од грозните недела од Втората светска војна и од искуствата од бројните народноослободителни борби против колонијализмот, ја опседнуваа стравовите од општата атомска смрт, студенилото на светската омраза и можните големи конфликти меѓу континентите - но ја одржуваше надежта во огромните подеми на науката и техниката, се впушти во комуницирање со отворениот свет на новите медиуми, ја радуваше нескриениот поглед во космосот, не размислувајќи многу ги употребуваше новите гламурозни материјали и производи, ја носеа во височини духовната радост и скриените длабочини на рок културата, која на нов начин ги будеше сетилата и чувството за ритам на живеењето. Се изгради дотогаш непознато масовно радикално мислење за основните животни аспекти, се јавија нови визии за достојното човечко живеење, се градеа помодерни меѓучовечки односи, **започна нова етика**.

Денеска сме во новата ера на човештвото. Уште не се заборавени *траумите* од Првата и од Втората светска војна, кога жестоките судири пред само 100 години можеа да ја уништат цивилизацијата; блиско е минатото на *колонизираните* народи, кои со векови немаа право на автентично постоење, а натаму пак се јавуваат амбиции за повторни или свежи подјармувања; не се високи

*слободите* за сите, постојат отпори против животните и творечките новини кои се стремат да ги поттикнат сите луѓе, а уште против нив се понекои најмоќни и конзервативни; *сиромаштијата* ги изедува телата и душите на милионите, голем број луѓе сѐ уште си легнуваат гладни, дури по улиците на метрополите, немаат никакво засолниште; ниски се знаењата и условите за *здравјето* и големи се стравовите од смртните болести, кои напаѓаат ненајавено, земајќи огромни човечки жртви, како и зависностите, а современите откритија и фината организација на здравството не им е на располагање на сите; *Природата* сѐ повеќе страда од луѓето, а и луѓето од нејзината одмазда, а веќе знаеме колку далеку сме загазиле во нејзиното уништување; уште човештвото се расправа со **ропството**, во кое друг човек е предмет кој се поседува, со него се тргува и безобѕирно се постапува, како со "парче дрво"... Тие големи јанѕи (дали само одгласи од минатото?) сѐ уште се дел од грдите сништа на големи групи луѓе, или на интелектуалците, кои подлабоко ги разбираат проблемите, или на сочувствителните личности, кои своето постоење го замислуваат и воздигнуваат како помагање на другиот. За **надминувањето на нечовечното однесување спрема другите човечки суштества**, а со тоа заедно и за ослободувањето од лошите позиции и навики од минатото, во кое не водевме сметка за страдањата кои луѓето ги наметнуваат на блиските, а и себеси, мошне важно беше да се отфрли секаква дискриминација и да се смени сѐ уште недостојното однесување кон луѓето небаре природно се **робови**. За промена на ваквите нечовечни размислувања и постапки исклучителен етички придонес даде американскиот борец за слобода и човечка еднаквост Мартин Лутер Кинг.

**Мартин Лутер Кинг** Помладиот/Јуниор е роден во 1929 година во Атланта (Џорџија) на југот на САД. Татко му, со исто име, бил пастор, што било тогаш најдостојна професија за Афроамериканец во јужните држави на САД. Како приврзаник на новите социјални погледи, го запознал синот со проблемите на расизмот и дискриминацијата, кои уште виреејa во САД на југот (а до 1994 година беа официјална идеологија и политичка организација во Јужна Африка). Татко му го подучи: "Ако не се однесуваш како роб, нема да бидеш роб". Мајка му го охрабрувала: "Ти си исто така добар како и другите". Како најдобар ученик Мартин Лутер студирал на колеџот Морхауз vo Атланта, каде се дружел со бели студенти кои не биле расисти. Тој град столетие порано бил силен аболиционистички центар, неговите жители барале слобода за Црнците. Као одличен студент, студентите го избрале Кинг за лидер. Тој сонува за свет без поделби. Решава да студира за лекар или за адвокат, за да даде животен придонес со стручноста, но група постари учени Афроамериканци го уверуваат за значењето на свештеничката функција за реализација на духовноста и на слободата кај неговиот страдалнички народ. На едно предавање професорот раскажувал за идеите и дејноста на Махатма Ганди (1869-1948). Кинг е воодушевен од индиската идеја за *мирно противставување*, што е тема и на прочуеното дело "За граѓанската непослушност" на американскиот филозоф *Дејвид Торо* (1817-1862). Тоа го уверува Кинг во исправноста на ненасилната активност - **насилството раѓа уште поголемо насилство и омраза, а мирниот протест дава можност злото да биде победено со љубов**. Завршува Богословија Кроузар во Пенсилванија, а докторира методика на теологијата на најпознатиот американски универзитет Харвард во Бостон (1951). Стана **голем американски лидер**. Имаше тешка судбина на проповедник на слободата, мирот и на социјалната слога, кому дискриминаторските власти во јужните американски држави не му даваа спокојство, а непријателите на човечката слобода и противниците на еднаквоста на црнците со белците го попречуваа во дејствувањето за доброто на луѓето и човештвото. Остави 200.000 документи, неколку книги, "Долгиот чекор кон

слободата, "Сила за љубов", "Зошто не можеме да чекаме", "Каде натаму - хаос или заедница?", многу говори и лик на една благородна личност, која ги сака луѓето и верува во слободата и ненасилството.

Америка е населени од Европејците по нејзиното откривање. Шпанците извршија репресии врз новооткриените земји, ги урнаа државните организации, утепаа огромен број домородци и воведоа шпанска власт и страшна експлоатација, барајќи злато, кое ги привлекуваше кон овој континент (од таму добивме неколку благородни продукти - пченка, компир, мисирка..., како и пеколниот тутун, кокаин, сифилис...). Со решение на Папата сета јужна и централна Америка припаднаа на Шпанија, освен Бразил, кој е даден на Португалија. За северната Америка имаше помалку заинтересирани, таму се натпреваруваа Британците и Французите, а иселениците главно беа од протестантските религиозни секти, кои не беа оставани на мир во Европа; но и таму беа бркани и истребувани *Индијанциѿе*, родните племиња, кои се бунтуваа, но немаа оружје ни сили да се противстават. Кога се созна дека Америка не е митската Индија со бесконечни златни наноси, интересирањето се префрли врз обработка на огромните пространства, со тутун, памук и овошје. Тоа донесуваше голем ќар, но Индијанците беа истребени, а и не знаеја да работат без престан, како што посакуваа плантажерите, умираа од јадосување и духовна истоштеност. Шпанските пирати почнаа да донесуваат **робови од Африка**, кои можеа да ја поднесуваат топлата клима и беа посилни и попослушни. Ним веднаш им се приклучија британските, потоа и француските трговци со робови, што стана конјуктурна кружна зделка - во западна, а потоа и во источна Африка беа носени украси и оружје, таму владетелите или бандитите ги разменуваа за заробените сонародници-робови, бродовите ги носеа несреќниците натрупани во Америка, каде што ги продаваа на пазар, а оттаму донесуваа вредни продукти. Во Јужна Америка, малку под влијание на католичките погледи на сопствениците, малку со мешање со домородците, црните робови се вклучија во социјалното милје (во Бразил направија и своја држава), но во јужните делови на северна Америка беа сегрегирани од белите плантажери и сметани само за корисен **добиток**. Во француската Луизијана, со прочуениот Њу Орлеанс, имаа нешто полесна положба и се раѓаа разни видови мешани раси, а новата САД ја купи таа земја покрај реката Мисисипи, како што се случи и со полуостровот Флорида од Шпанија. Од 1620-та, кога беа донесени првите 20 робови од Африка, во средината на 19-тиот век имаше преку 4 милиони робови. Во јужните држави на САД црните имаа остар ропски статус: беа продавани, разделувани семејства, изнасилувани, докрајно деградирани... Во 1820 година квекерите во САД основаа Американско здружение за колонијализација, кое организираше враќање на црните работници во Западна Африка, каде купија територија и овозможија да се населат. Основана е **Либерија** (која, покрај Етиопија, беше единствената слободна афричка држава). До 1862 година таму се вратија и останаа живи 19.000 луѓе. Толку останаа и по 100 години, се нарекуваат Либеро-африканци, претставуваат своевидна горна класа во земја со 2 и пол милиони жители. Историјата на оваа држава е интересна (подоцна многу трагична, а Меѓународниот суд во Хаг сега го осуди нејзиниот претседател за злосторства против човештвото поради гангстерските напади и масовни убиства во соседната Сиера Леоне, каде ги крадеше нејзините дијаманти).

Иако Декларацијата за независноста на САД (1776) и Уставот на САД (1787) зборуваат за еднаквоста на сите луѓе, тоа донекаде беше почитувано во краиштата северно од Пенсилванија и Њујорк кон Канада, но во јужните положбата остана типично робовласничка. Претседателот **Томас Џеферсон**

(1743-1826, кој во 1807 година донесе закон со кој американските бродови не смеат да донесуваат робови од Африка, но тоа беше изигрувано) и **Бенџамин Френклин** (1706-1790, кој во 1775-та беше претседател на првото Друштво за ослободување на Црнците, основано во Филаделфија од Томас Пејн) сметаа дека треба да престане ропството, дека тоа е срам за Америка како прва република во светот во новата епоха... Тоа сепак немаше влијание. Немаа сите на југот робови, туку само богатите плантажери (5% од населението), но ако црните сакаа да се ослободат, требаше да се откупат (што сопствениците често го изигруваа) или да избегаат на север - имаше т.н. "подземен пат", преку кој, добрите луѓе-**аболиционисти**, застапници за ослободување на Црнците, им помагаа во бегството; таква помош даваше **Хариет Табман** (1821-1913), бивша робинка родена како *Амринта Рос*. Тој живот најдобро го претстави *Хериет Бичер Стоу* (1811-1896) во прочуената книга "**Колибата на чичко Том**" (1852), која на целиот свет му ја откри жалната ситуација на човечко бесправие и малтретирање (книгата е преведена на безброј јазици во милиони примероци и драматизирана во многу земји). Околу проблемот на ропството, кое не престануваше. се раздели федерацијата и изби крвава Граѓанска војна во САД (1861-1865), во која претседателот **Абрахам Линколн** (1809-1865) ја одбрани каузата на човечките слободи. Тој на 1 јануари 1863, во текот на Граѓанската војна, објави *Прокламација за еманципација*, со која е објавена **слобода за сите 4 милиони црни робови во јужните американски држави**. Самиот Линколн потоа стана жртва на атентат. Кусо време по војната донесени се закони за гласачко право на поранешните робови и можност за нивни избор во Конгресот на САД (1866-69), со што би имале политичко влијание. Закоравените традиции останаа живи, проблемите се влечеа долги децении. Расистичката организација за казнување на Црнци и на белци кои имаат симпатии за нив **ККК** (Ku Klux Klan) е основана во 1866-та, со лозунг "Белците да владеат во Америка". Црнците се попречувани да гласаат, по 1874 година се разгоре расистичката политика на југот. Во 1896-та јужните држави си донесоа закони за **сегрегација** на црното население во нив - за да не се вознемируваат белите граѓани, црните не можеа да користат исти простории, хотели, транспортни средства, апарати, или мораа да се служат со оние обележани "*за обоените*". Посебни аспекти беа недостигот на школување на младите Афроамериканци и нивната лоша економска положба. Во Првата светска војна букна прашањето за ангажирањето на црните војници во војската, во која владееше прикриена расна дискиминација. Тоа стана уште понагласено во Втората војна, во која црните војници ги бараа целосните права ако гинат за земјата против хитлеровскиот расизам, и тоа не само да има црни офицери, туку и расно мешани единици. По војната властите им даваа помош на белите војници, но не и на Црнците. Тие можеа да студираат само во одделни "црни" универзитети во јужните држави. Бараа право да гласаат во тој регион, но тоа само ретко можеа да го сторат.

Имаше бележити Афроамериканци. **Вилијам Едвард Дибоа** (1868-1963), писател и социолог, внук на роб ослободен како борец во Граѓанската војна, се школувал во Европа, еден од најобразованите Американци на своето време, автор на книгата "Душата на Црните" (1903), основа во 1909-та Национална асоцијација за унапредување на обоеното население (NAACP), по Првата светска војна ја прогласи идејата за **панафриканизам**, а потоа дефинитивно се пресели во Африка. Поетот **Ленгстон Хјуз** (1902-1967) даде особит придонес со истражувањето на афроамериканската култура, како што се **блузот**, **џезот** и **поетската** традиција на Афроамериканците во последните 200 години; се истакна како антифашист и борец за расна еднаквост. Во светот е позната операта "Порги и

Бес" (1935), која со афроамериканска тематика ја направи белецот **Џорџ Гершвин** (1898-1937). Афроамериканецот **Џеси Овенс** (1914-1980) оствари 4 фантастични први места на Олимпијадата во Берлин (1936), кога расистот Хитлер очекуваше победи само од "поспособните" бели спортисти. Но еден скандал ја возбуди САД, кој и денес се споменува - најпрочуената пејачка **Беси Смит** (1898-1937), наречена "Кралица на блузот", беше во автобус кој имаше несреќа во државата Мисисипи. Првин ги прегледуваа и разнесуваа по болници белите патници, а Беси, која имаше мала повреда, искрвари чекајќи да дојде редот на црните. Дури и **џез** музичарите, кои дадоа најголем придонес за оваа *оригинална* американска уметничка форма и придонес кон светската култура, немаа никакви права во сегрегираните краишта и никаде не можеа да настапуваат, да снимаат плочи и да отседнуваат во хотелите *заедно* со белите колеги. Дури во 1938 година прввпат во Карнеџи хол во Њујорк свиреше оркестарот на *Бени Гудмен* (1909-1986) со неколку црни солисти.

**Ропството** и **расизмот** се поврзани негативни факти и идеологија. Во модерната епоха, против ропството стануваа и интелектуалци и чесни луѓе - никој не сакаше да биде роб, да поседува роб или да има робови околу него и воопшто во светот. Со идејата за Слободата и за Човековите права одеше отрлање на гнасотијата на ропството во секој вид и во секоја област. Меѓутоа, расизмот е чедо на поновата ера. Египетските фараони од првите династии биле црни. Големиот теолог Августин најверојатно бил црн. Кај Шекспир не се гнасат што големиот војсководец Отело е црн. Во исламот црните се примани како еднакви со другите, дури владееја со векови со Египет ("мамелуци"). Предокот на најголемиот руски поет Александар Пушкин бил црн. Црни се мнозинството врвни џез и блуз музичари, како и многу сакани спортисти. Расизмот дојде како израз на амбицијата за запоседнување на територии и на луѓе и на воспоставената власт над регионите и народите. Расизмот тврди дека една група луѓе (*белата*) е *посупериорна*, историски поважна, со поголеми умствени и творечки капацитети од групите луѓе во боја (*обоени*). Европа и, потоа, Северна Америка (продукт на доселени Европејци) треба да бидат надредени над другите континенти и над нивните доминантни раси, се прави **дискриминација** (тие се сметаат за пониски) и **сегрегација** (се одделуваат во живеењето, не им се даваат исти права за егзистенција како на белите). И белите се подјармувани од други бели, и сите луѓе на еден континент не се исти (од Сирија до Индија живеат луѓе од белата раса, жителите на Северна Африка се бели, а во Јужна Америка расната интеграција е понапредната - Јапонците ги мразеа Кинезите и Корејанците и сонуваа да ги потчинат). Идеолозите на владеење над луѓето, со истакнување на својата нација како образец за расата, развија разни погледи за позитивните капацитети на својата "боја на кожата", а за неспособноста на оние со "друга боја на кожата". Умните луѓе и етичарите укажуваат дека расизмот е *недостојна* теорија, а исто така и *неточна* со оглед на фактите. За Мартин Лутер Кинг предрасудата човекот да се отфрла заради бојата на својата кожа е најодвратен израз на *нехуманоста*: "Расизмот е философија која е втемелена врз презирањето на животот". Тој истакна дека "морална заповед на нашата епоха е... да работиме на искоренувањето и на последната трага на расизмот", за правдината да стане реалност за сите луѓе. Не сакаме сега да говориме за најпростите расисти (Гобино, 1816-1882, или Хитлеровите философи Розенберг, 1893-1946, и Гебелс, 1897-1945,), но идејата за "чиста" раса е небулоза, на тоа посочуваат сите биолози. Интересно е дека белите расисти особено ја мразат Африка и нејзините жители, а првите луѓе воопшто се настанати на тој континент, откаде потекнува и нашиот сој homo sapiens. Хитлер фантазираше над сите луѓе да воспостави надмоќ на "сини

ѕвери", а самиот беше јадничок ситен и црн (најверојатно од еврејско потекло, иако ги мразеше Евреите, Ромите, кои се индоевропска раса, и Словените - кои сите сакаше да ги убие, а во меѓувреме да им служат на Германците како робови). Демократските и другите народи сепак беа човечки и историски посвесни, му се противставија и го победија фашизмот. Така и расизмот доби сериозен удар, иако уште во светот постојат идеи за разликување на луѓето и за воспоставување *надредености* на некои луѓе над другите. Ова се појави на болен ум и на недостојна етика. ООН е воспоставена како организација на **еднакви народи и луѓе** и ја манифестира оваа хуманистичка ориентација од првиот ден (односно уште од пред основањето), ја донесе *Општата декларација за правата на човекот* и има многу документи и активности за надминување на расистичките погледи и на ропството. Но во САД, како и во некои други земји (Јужна Африка се истакна негативно со *апархејд* - холандски термин за "одделени" обоени од придобивките на цивилизацијата), обоените луѓе и по тоа беа дискриминирани, а во разни земји се појавува вид болен *национализам* и *шовинизам* (омраза кон различните од себе), кои се рак-рана за еднаквоста на луѓето и ја негираат модерната етика. ООН вели дека "човечкиот род во основа претставува **едно семејство**, а тоа подразбира дека сите луѓе и сите народи се еднакви". Исус Христос им рекол на своите ученици "**Сите вие сте браќа**".

Мартин Лутер Кинг се определи за **борба против расизмот**. Се ожени (1953) со Корета Скот (исто така од пасторско семејство, дипломирана музичарка), која го поддржуваше во неговите идеи и активности. Имаа 4 деца. Жена му сметаше дека е подобро да останат во северниот дел од САД, но Кинг чувствуваше дека има *мисија*. Стана пастор во баптистичката црква во Монтгомери (Алабама, од 1954). Во овој јужен град започна во 1950-та прочуениот **бојкот** на градските автобуси заради сегрегацијата. Афроамериканката *Роза Паркс*, обична личност, но храбра, не му стана во автобусот на еден белец кој побара да му го отстапи местото, како што заповедуваше Законот за сегрегација. Шоферот не возеше. Црните граѓани првин одбиваа да го напуштат автобусот, а потоа ниеден не се качуваше во градските автобуси. Тоа беше прв јавен модерен израз на граѓанскиот отпор во САД. Една старица рекла: "Нозеве можеби се уморни, но душата ми е спокојна". Црните го повикаа Кинг да ги води, тој основа Движење за граѓански права и се истакна како лидер на мирните протести. По 382 дена бојкот, кој одекна во целиот свет и беше на сите медиуми, градската управа донесе решение за укинување на сегрегација во автобусите. Афроамериканците протестираа и во ресторанките и на другите места каде што не беа послужувани еднакво како белците. Кинг укажуваше дека тензиите не се помеѓу белците и Црнците, туку помеѓу правдината и неправдината.

Друг проблем произлезе од **актот за гласање**, донесен во 1950-та, со кој сакаше да се овозможи на Афроамериканците да се пријават и да избираат претставници без пречки. Врховниот суд на САД донесе решение дека овој акт е валиден и со тоа ги изедначи сите граѓани (тоа право го имаат и според Уставот). Исто така, Врховниот суд (1954) донесе **декрет дека во училиштата не смее да има дискриминација**, дека одделните згради за белци и за Црнци се знак на нееднаквоста. Во 1957-та изби скандал со правото на Афроамериканците да бидат еднакво примани во средните училишта. Во Литл Рок (Арканзас) ги отфрлија, па председателот Ајзенхауер ја мобилизираше Националната гарда за да го обезбеди влегувањето на младите Афроамериканци во училиштето.

Својата акција Кинг ја сфаќаше како **мисија**. Укажуваше дека низ целиот живот нé следи прашањето, кое бара брз одговор: "Што правиш за другите?" Тој

смислата на својот живот ја гледаше во *љубовта*, обединета со *вистината*. Најпознатиот magaзин "Тајм" го стави на насловната страница како "човек на годината" (1957). Целта на Кинг и на сé поголемиот број црни (а потоа и бели) демонстранти кои му е придружуваа е да се востановат полни граѓански права за Афроамериканците, да не бидат граѓани од втор ред, а општеството да биде поправедливо за сите. Велеше дека судбината и на црните и на белите граѓани е "поврзана со судбината на Америка". Не откажуваше да каже дека ја сака Америка и дека тоа што го прави е за добро на неговата татковина. Посочуваше дека страдањата на Црнците го понижуваат белиот човек, кој се искупува со спасението на Црнците. Бараше разбудување од апатијата и рамнодушноста: "Во минатото апатијата беше знак на опаѓање на моралот. Денес тоа е вид морално и политичко самоубиство". Методот што го предлагаше и спроведуваше беше **ненасилството**. За него основата за неповредување на другите е **љубовта**. Кинг има кажано: "Уверен сум дека со вселената управува сила полна со љубов и дека во борбата за правдина учествуваат заедно човекот и вселената. Зад грубото лице на светот постои сила со добра цел".

Кинг оди во **Индија** (1959), каде ги проучува методите на **ненасилен отпор и граѓанска непослушност** на *Махатма Ганди*. Рече: "Христос ни даде дух и мотивација, Ганди ни понуди метод". Според Кинг, христијанското учење за *љубовта* дополнето со Гандиевиот метод на *ненасилство* е едно од најсилните оружја кои им се достапни на Црнците во борбата за слобода: "Ненасилството е начин на живеење кој луѓето го прифаќаат заради неговата чиста моралност и правилност". Ненасилниот отпор не избегнува само физичко насилство, туку и насилство над духот, одбива да мрази. Започнуваат штрајкови со *седење*, според британскиот отпор против нуклеарното оружје (во кои учествуваше и ги инспирираше философот *Бертранд Расел*). Кинг велеше дека Афроамериканците се потомци на робовите, но дека не се срамат од тоа, туку треба да се срамат оние кои биле и останале *нехумани* и ги мачат Црнците. Неговото карактеристично барање беше дека нештата треба да се менуваат и унапредуваат СЕГА. "Чекај!" значи "никогаш".

Кинг беше оригинален и впечатлив беседник. Настапуваше многу пати на јавни собири, беше најпознат застапник на слободата. Во 1963 година во Вашингтон е одржано одбележување на 100-годишнината од донесувањето на Линколновата Прокламација за ослободување на Афроамериканците. Од скалите на Споменикот на Линколн Кинг одржа **говор пред 250.000** насобрани, кои маршираа од целата САД кон главниот град со лозунги за повеќе работни места и за слобода. Тој ја употреби фразата "**Имам сон, мечта**" (I have a dream): "Имам сон дека еден ден овој народ ќе се крене и ќе живее во согласност со вистинското значење на своето верување од Декларацијата за независноста: *Сите луѓе се создадени еднакви. Ние веруваме дека оваа вистина е јасна самата по себе*... Имам сон денеска дека еден ден малечкото црно момче и малечкото црно девојче ќе можат да се фатат за рацете со малечкото бело момче и малечко бело девојче како браќа и сестри... Со нашата вера ќе можеме несогласноста на нашиот народ да ја преточиме во прекрасна симфонија на братство". Такви соништа за слобода на Афроамериканците и за интеграција на земјата без расизам, а исто така и спасување на бедните бели граѓани, изразуваше во своите бележити говори д-р Кинг: "Сите нé обвиткува истата наметка на судбината, Неминовната мрежа на заемноста". Ја осудуваше **сиромаштијата**, за која сметаше дека нема оправдување во нашата ера. Велеше дека таа е "социјално окрутна и слепа како канибализмот во почетоците на цивилизацијата". Но кажа исто така: "Разурнатите соништа се непогрешен белег за минливоста на нашиот живот". Еден од најголемите психијатри **Карл Густав Јунг** (1875-1961), создавач на поимите *колективно несвесно* и *архетип*, има кажано: "Што е тоа што постои, а да не

било на почетокот само мечта, фантазија?!" Тој марш и собир беа најголем политички настан во тие години, на него учествуваа и 60.000 белци (учествуваа и најзначајниот американски рок поет и музичар **Боб Дилен**, чија песна "Blowin' in the Wind", *Носен од ветерот*, стана неофицијална химна на таа генерација на промените, и најголемиот американски филмски актер **Марлон Брандо**, 1924-2004, кој одби да ја прими наградата "Оскар" заради нехуманото третирање во филмовите на Индијанците како оригинални жители на САД, а кога е убиен д-р Кинг, тој се понуди да го продолжи неговото Движење за граѓански права). Сопругата Корета, по повод 40-та годишнината од тој говор, потсети дека идеите на Кинг уште се валидни: "Мора да ги направиме **нашите срца инструменти на мирот и на ненасилството**, бидејќи кога во срцето чувствувате дека сте во право, тогаш умот и телото го следат". Кинг учеше дека ненасилството било решение за проблемите на Афроамериканците и дека "може да стане решение за најдлабоките потреби на човештвото".

Во Далас (Тексас) е убиен претседателот **Џон Кенеди** (1917-1963), кој иницираше нови политички методи и насоки во САД со лозунгот "освојување на *нови граници*" (потсетување на движењето кон Запад во 19-тиот век во САД). Покрај освојувањето на вселената, развитокот на културата и меѓународните економски договарања, како прва цел беше истакнувана **расната интеграција** во САД. Тој ги поддржуваше настојувањата на Кинг, Афроамериканците гласаа за него.

Кинг ја доби **Нобеловата награда** за мир (1964) како нејзин најмлад добитник. Кажа дека наградата ја добил како "признание за нужноста човекот да ги победи репресијата и насилството, а при тоа да не прави насилство ни репресија". Потсетува дека светската војна би оставила само пепел, "како сведоштво за човечката раса која сопствената глупост ја одведе без враќање во прерана смрт". Бара разоружување и меѓународни преговори. "Моќта на науката ја престигна нашата духовна сила. Знаеме како да ги насочиме проектилите, но не знаеме како човекот да го насочиме на правиот пат". Подучува дека онаа земја која троши повеќе средства за воена одбрана отколку за програмите на социјалниот прогрес, е сé поблиску до духовна смрт. Предупредува дека "мудроста од искуството треба да ни каже дека **војната е нешто застарено**". Кинг вели: "Во срцето носам сон дека еден ден повеќе нема да има војна..., дека народите нема повеќе да се креваат едните против другите". Бара луѓето да се сплотат, "сиот живот е меѓусебно поврзан", "мора да развиваме мислење кое го прифаќа целиот свет".

Во **Бирмигем** (Алабама), каде граѓаните и шерифот се фалеа дека во нивниот град има најсилна сегрегација, Кинг започна **антирасистичка кампања** (1963). Тој е водач и главен говорник. Уапсен е. Белите свештеници јавно ги осудуваат демонстрациите. Од затворот Кинг пишува анализа на 20 страници, која станува негов најпопуларен и најповеќе цитиран текст: "Како може да ги мразите демонстрациите, а не ја мразите причината за нив?!... Ненасилната армија има величествено универзално својство... Во Бирмингем и куците и инвалидите можеа да ги придружат силите и го сторија тоа". Со методи на ненасилството е смирен расистичкиот гнев на полицијата. Кинг потсетува: "Кај Црнците има многу потисната огорченост и латентно незадоволство... Ако ги потиснуваат емоциите и не ги изразат на ненасилен начин, тие ќе побараат да ги изразат со насилство". Тоа беше религиозен митинг, Кинг вели дека како христијанин сонува за дента кога ќе исчезнат сите предрасуди: "На црниот човек му е потребен белиот и на белиот му е потребен црниот". Кинг потсети дека "Господ е над нашите верски определби", а Црквата мора да биде совест, "морален чувар на заедницата".

Во 1965-та САД започнува бомбардирање на Северниот Виетнам. Кинг е против мешањето во граѓанската војна во далечната земја. Тој во името на верата бараше да запрат трката во вооружувањето и студената војна: "Мора да настојуваме мировни решенија да постигнуваме на мирен начин". Протестите во **Селма** (Алабама, 1965) ги предводи Кинг. Целта е правото на Црнците за **гласање**. Во град од 30.000 жители, половина се црни, а можеа да гласаат само 333. Насилството на полицијата е силно, весниците тоа го нарекоа "Крвава недела". Федералните трупи ги штитеа 3.000 демонстранти од Селма до Монтгомери. Резултат, претседателот Линдон Џонсон го потпиша Законот за гласачко право.

Убиен е друг голем водач на движењето на црното население **Малколм Икс** (1925-1965), член на *порадикалното* движење на црните муслимани, кој основа Организација за афроамериканско единство (1964) и е убиен од своите дотогашни другари (тој го смени своето презиме со *X*, како знак дека не го знае своето оригинално презиме од Африка). Друг лидер Стокели Кармајкл организира ново движење "**Црна сила**", кое има помалку успех (во 1968 година Индијанците основаа "Црвена сила"). Кинг е против насилните протести, укажува дека тие не донесуваат плод, а целта е да се изгради единство во општеството, од конфронтациите и насилството најмногу страдаат токму обоените граѓани. Вели дека "предизвикувањето нереди... предизвикува порази". Востановува центар за својата дејност во Чикаго (1966), а следната година јавно се искажа против војната во Виетнам, која го подели американскиот народ. Укажува дека не сме да се толерира омраза, ниту болно поттикнување на насилство во која било област од животот. Расте бројот на антирасистички појави. Врз Кинг се извршени повеќе *атентати*, од раната со нож одвај остана жив. Вели: "Сите се плашиме од смртта. Но оној кој не се бори, не вреди да живее. Човек се бори за правдини и за вистина. За нив вреди да се умре". На 4 април 1968 година д-р Мартин Лутер Кинг **е убиен** во Мемфис (*Тенеси*) во неговата 39-та година од животот. Како да знаел за црната судбина, тој говор го нарече "На врвот на планината" (алузија на најпрочуената *Беседа на гората* на Христос). Убиецот првин е осуден, потоа умира од болест, а подоцна, на ново судење, е прогласен за невин (има сомнежи дека Кинг бил жртва на заговор, како што мнозина мислат и за атентатот врз Кенеди). Блиску до местото на убиството на Кинг, ставена е плоча: "Ајде да го убиеме мечтателот, за да видиме што ќе се случи со мечтите".

Братот на убиениот Претседател, кој беше министер за правда, **Роберт Кенеди** (1925-1968), пријател со Мартин Лутер Кинг, како кандидат за претседател е убиен во Лос Анѓелес. Во соодветните психолошки истражувања е забележано дека по овие злосторства опаднала стапката на обѕирност и несебичност кај жителите на САД. Мајка му на Кинг Алберта е убиена на црковна служба (1974). По крвавите бунтови во Вотс (1965), по 30 години (1992) имаше големи црнечки бунтови во Лос Анѓелес, со човечки жртви. Денес ситуацијата е посмирена. Црните граѓани имаат повеќе права и ја бранат САД, иако уште има траги на дискриминација. Градоначалникот на Мемфис, во кој е убиен Кинг, сега е Афроамериканец, учесник во Кинговото Движење за граѓански права, а исто така и на главниот град Вашинтон, во кој има мнозинство црно население, зашто чувствуваат дека се посигурни поблиску до сојузната власт, а Афроаметиканец е и Претседателот на САД.

Еден од 10 национални празници на САД **Денот на д-р Мартин Лутер Кинг** се одбележува во јануари во знак на *расната еднаквост* и како признателност за етичките принципи на овој борец за љубов меѓу луѓето и за ненасилство, кој бараше од протестите да се тргне кон помирување. Умно, етички велеше: "**Љубовта е единственото решение за светските проблеми**". Како

античкиот Џајна и најзначајниот модерен национален водач Махатма Ганди, тој стана "апостол на ненасилството". Востановена е и награда за оние кои ги застапуваат идеалите на д-р Мартин Лутер Кинг. На неговиот гроб пишува: *Сеīа си најдов мир.*

Што може да научиме од примерот на д-р Кинг - дека историјата ја градат и менуваат луѓето, дека треба да ги знаеме и проучуваме настаните за да знаеме да ги толкуваме човечките движења, дека со правилно настапување и борба ѝ се дава значење и достоинство на цивилизацијата, дека човечките права се мошне важни во современата епоха, дека секој може да даде придонес кон нивно развивање, дека интелектуалците не треба да се тргаат од борбите на својот народ и од човечките проблеми, туку да учествуваат во нив и во нивното решавање, дека луѓето мора да научат да живеат во слога, дека не смеат да бидат рамнодушни спрема повредите на правдината.

**Етички мисли на Мартин Лутер Кинг**

"Темнината не може да ја избрка темнината, тоа може само светлината. Омразата не може да ја искорени омразата, само љубовта може да го стори тоа."

"Научивме да летама низ воздухот како птици и да пливаме во морето како риби, но уште не ја научивме едноставната вештина да живееме заедно како браќа."

"Духовната сила која Црнците може да му ја пренесат на светот потекнува од љубовта, разбирањето, добрата волја и од ненасилството."

"Дури и најнеучените можат да имаат високи морални ставови."

"Мора да создадеме водачи кои ќе отелотворуваат добродетели што ќе ги почитуваме, кои ќе уважуваат морални и етички принципи на коишто може воодушевено да им аплаудираме."

## 98. Фетулах Ѓулен

# СОВРЕМЕНАТА ЕРА И УНИВЕРЗАЛНАТА ДОБРИНА



Мнозина современи етичари се универзитетски професори, своите идеи ги изнесуваат преку научните медиуми и пред студентите. Ова е битен фактор на современата светска етичка загриженост и активност - подготвување на младите за иднината, за која сме загрижени, но не знаеме какви проблеми ќе се појават, а таа брзо ќе дојде. Новите возрасни суштества ќе треба да знаат да размислуваат одговорно, се надеваме ќе ги шират своите сознанија за новите феномени и ќе се обединуваат со своите врсници од целиот свет за успешно етичко дејствување. Понекои современи етички активисти настапуваат главно **јавно**, во името на согледбата на најтешките прашања на современото човештво, изнесувајќи предлози за подобро човечко размислување и однесување. Етиката денеска не е запоставена и скриена дејност, но сепак не е достатно презентирана кај *сите луѓе* и не се развиени механизмите за нејзино ефикасно ширење среде народот. Новите прашања бараат општо разбирање и позитивно дејствување на сите луѓе за да се постигне успех во тешките задачи на унапредувањето на социјалното живеење, на одбраната на Природата од повредите што ги прави човекот и на надминувањето на човечките конфликти како продолжителен вид старо негативно однесување. Една личност од Турција, Фетулах Ѓулен, од својата младост до денеска е таков **ангажиран бранител на доброто однесување на луѓето**, користејќи ги најдобрите сознанија на исламската вера и ангажирајќи се да се создадат нови патишта за духовна соработка и за плодотворна морална активност.

**Мухамед Фетулах Ѓулен** е роден во 1941 година во селото Коруџук во источна Турција, како второ дете од осум браќа и сестри. Татко му бил имам во џамијата, а мајка му домаќинка. Како личност и духовен учител Фетулах се оформил во семејството. Уште од раната возраст бил *хафиз* - го научил целиот Коран напамет. Фетулах учел кај најпознатите учители во градот Ерзурум, слушал проповеди на бележитите суфисти, а учел и литература и модерни општествени и природни науки. По одлично положените испити (1959) 4 години бил имам во Едрене. Во 1966-та е назначен за проповедник во џамијата Кестане-пазар во Измир. Во тој трет град по големина во Турција започна да се создава славата на Ѓулен како **бележит проповедник и верски учител** близок до луѓето. Проповедништвото е особена улога на имамите во исламот (покрај водењето на молитвата и грижата за другите духовни и човечки потреби на своите верници). Потоа проповедал во разни градови во Медитеранскиот регион. Во Турција постои љубов кон **убавиот збор**, на луѓето им се допаѓаат добро оформени и

силно искажани мисли, очекуваат јавните личности да кажуваат важни нешта. Затоа ги слушаат со внимание верските проповедници, иако од 1920-тите години Турција е секуларна држава. Во типот на настапувањето и во погледите Ѓулен има значајни *претходници* - не само големите турски поети и проповедници од минатото **Ахмед Јесеви** (1093-1167), **Јунус Емре** (1240-1321) и **Џелалудин Руми Мевлана** (1207-1273), туку и бележитиот турски теолог и проповедник **Бедиузаман Саид Нурси** (1877-1960), познавач на современите науки, кој имал значајна духовна и културна улога во 1930-1940-тите години и чиј пристап и идеи се одразиле врз Ѓулен. Особено е важна големата **социјална новина во беседите** на Ѓулен: младиот проповедник ги нагласувал во своите говори актуелните тешки социјални проблеми и говорел за суштината и видовите на исламската справедливост (справедливоста е едно од најзначајните современи светски етички и социјални прашања). Ѓулен посебно се интересирал за **младата генерација**, ѝ говорел нејзе. Се заложувал младите да имаат хармоничен интелектуален и духовен развој, предано да учат, да работат и да градат во себе хуман активизам, грижа за другите. Особено настојувал за помош на сиромашните млади луѓе, на кои треба да им се помогне да се оспособат за живот, да станат стручњаци и продуктивни личности.

Ѓулен патувал по Турција и предавал не само во џамиите, туку и во градските сали и во другите јавни простории. Станал мошне популарен кај населението и, особено, кај студентската младина. Неговите говори не се однесувале само на религиозните теми; често говорел за образованието и за науката, за економијата и за социјалната правдина. Во 1971 година во Турското државно собрание е прочитан предупредувачки Меморандум на Армијата заради ширењето на влијанието на верата, Ѓулен престанал со должноста сѐ до донесувањето на Законот за рехабилитација. Потоа бил проповедник во разни градови, а повторно во областа Измир, каде ја надоградувал, со уште поголем успех, својата проповедничка улога. Во проповедите во Истанбул доаѓале да го слушаат и министри. Кога во Турција војската ја презела власта (1980), Ѓулен дал оставка. Бил на хаџилак во 1986 година, а кога разбрал дека е издадена заповед за негово затворање, се вратил за да ја докаже својата невиност - и бил ослободен како неправедно обвинет. Народот искажал големо интересирање популарниот свештеник да продолжи да проповеда, тоа го правел во големите џамии (1989-1992). Многу предавања има одржано и во Западна Европа. Станал една од најпознатите и најпочитувани личности во Турција, заради своите идеи и искажувања, посебно за реформата во образованието и за новиот подем на турското општество и држава и за подобар реален живот на луѓето. Имал средби со најпознатите политички личности на Турција, заинтересирани за погледите на прочуениот теолог.

Фетулах Ѓулен е автор на многубројни текстови во списанија и весници, интервјуа во разни турски и светски весници, напишал многу книги и направени се збирки на негови текстови, многу од нив се преведени на разни јазици: "Божјиот Пророк Мухамед", "Проблемите на нашата епоха", "Како да се проповеда", "Скапоцени врвови на срцето", "Метафизичките димензии на постоењето", "Нашата епоха и генерација", "Човекот во виорот на кризата", "Денот кога настапува пролетта", "Актуелни мисли", "Оформување на својот дух", "Размисли за современите прашања", "Светлини на патот - Бисери на мудроста", "Воспитување на децата", "Кон глобалната цивилизација на љубов и толеранција" (преведена и на македонски јазик), автобиографија "Мојот мал свет" и многу други. Напишал и учебник по арапски јазик (во 5 тома), бидејќи одлично ги знае арапскиот и персискиот јазик. Почитувачите имат посебно име

за Ѓулен - **Учител**, **Хоџа ефенди**, големо име, кое го заслужуваат од своите следбеници само возвишените личности, кои знаат многу, ги учат луѓето на најдоброто и ги водат кон правилните цели.

Ѓулен е добитник на голем број турски и интернационални награди за придонесите за развојот на турското општество, култура, образование и уметност, за ширењето на духовните вредности и за настојувањата за воспоставување и ширење на толеранцијата, посебно за развојот на интеркултурниот и меѓуверскиот дијалог. Пред неколку години во еден германски весник е прогласен за **најзначајна светска личност на нашето време**; во анкетата на Ројтер за 100 најбележити луѓе во современието, тој и уште еден писател се истакнати како двајца претставници од Турција.

Карактеристиката на Ѓулен како духовна личност, научник и етичар се длабокиот хуманизам, заинтересираноста за луѓето и за нивната судбина. Тој смета дека **религијата, науката и етиката треба да одат заедно во развитокот**. Порачува дека секој треба сите свои сили да ги искористи за достојно да го одбележи своето живеење, а луѓето обединети да го унапредат светот и егзистенцијата на сите луѓе. Ѓулен говори модерно, со верски, социјални, научни и педагошки перспективи. Според ориентацијата и квалитетот, идеите и зборовите на Ѓулен се рамни на оние на најзначајните светски теолози и етичари денес, како и на најголемите верски мислители и моралисти од минатото.

Ѓулен е значаен мислител, кого го познаваат во сиот исламскиот свет, но тој е истовремено **универзално ангажиран** деец. Тој го сака целото човештво, се грижи за верата, надежите и позитивните визии на сите луѓе. Тој има голема душа, емпатичен е, малку го интересираат неговите лични страдања, ги прима кон срцето пред сѐ маките на другите луѓе. Неправдата направена на другите тој ја доживува како удар против него самиот. Како бележит поет, вака ја објаснува својата сочувствена природа: "Секогаш кога ќе видам како паѓаат есенските лисја од своите гранки, чувствувам толку болка небаре ми е исечена раката".

Тој истакнува дека пред сѐ е покорен слуга на Бога, дека подучува за Бога и сака сите луѓе да ги упати во вистинитоста на Божјата реч, која советува ум, разбирање, одговорност, умереност, соработка, човечност. Така и живее Ѓулен, со богат духовен живот и исклучително скромно (повеќе од деценија престојува во САД од здравствени причини). Нужноста на скромноста Ѓулен прекрасно ја опишува: "Опивањето со слава е слично на слаткиот отров, зашто го лишава срцето од духовната сила".

Ѓулен многу студираше, а тоа секојдневно го прави и натаму. Многу настојува младите да се образуваат на најсовремен начин, особено во природните науки - не само што укажува дека Арапите (на пример, *Ибн Сина*, 980-1037) биле најпознати светски научници на своето време, а со тоа и исламот имал голем подем и огромно влијание, туку Природата, природните феномени и прелести се најдобар указател за вредноста и добрите намери на Бога. Ѓулен реалистички гледа на обврските на луѓето: "Денес, нам, пред сѐ, ни е потребна генерација која ќе биде свесна за исполнувањето на своите обврски кон Бога и нам ни се неопходни совршени луѓе кои ќе можат добро да го водат општеството - нам ни се потребни идеални водачи кои ќе го спасат човештвото од одвратната бездна на атеизмот, од незнаењето, грешењето и неверувањето во Бога и кои ќе ги водат луѓето кон вера, длабоки сознанија, точна насоченост и мир". Ѓулен и себе и нас нѐ соочува со визијата за 21-иот век, во којшто, тој очекува и објаснува, ќе се роди **духовна динамичност** која ќе ги возобнови заспаните морални вредности. За новото столетие предвидува и се надева дека ќе биде **епоха на толеранција, разбирање и меѓународна и меѓуверска соработка**, а

самиот тој дава голем придонес за да се остварат овие предвидување и неговите сништа. "Својствата на хероите на толеранцијата се благородност, кроткост, имање обѕири и трпеливост", истакнува Ѓулен, кој има свој сон - дејствата на луѓето со чиста вера да водат кон единствена, *обединета цивилизација*, која ќе се изгради и потпира врз заедничките вредности и врз водењето *дијалог* меѓу културите и религиите. Ѓулен визионерски пишува: "Како што секое утро, секое изгрејсонце, секоја пролет значат нов почеток и будење надеж, така е и со секое ново столетие и со секој нов милениум... Луѓето живеат постојано со надеж, тие се деца на надежта. Но сега ги имаат загубено своите надежи, им згаснал "огнот" за живеење... Имањето надеж е директно пропорционално со имањето вера... Јас верувам дека светот на новиот милениум ќе биде место со повеќе среќа, праведност и сочувство... Исламот, Христијанството и Јудаизмот произлегуваат од истиот корен... Иако биле ривалски вери низ вековите, заедничките точки меѓу нив и одговорноста што сите ја имаат за изградба на среќен свет за сите Божји суштества го прават нужен нивниот меѓуверски дијалог. Овој дијалог сега се проширува со вклучување на религиите на Азија и на другите региони. Резултатите ќе бидат позитивни". Ѓулен е еден од најзначајните носители на создавањето и спроведување на **Универзалната етика** на човештвото.

Фетулах Ѓулен поттикна разни форми на духовна комуникација меѓу верите и народите. Тој се сретнува со религиозните водачи, со научниците, писателите и водителите на современите културни процеси во Турција, во околните земји (Евро-Азија), во Европа и во целиот свет. Значајни се неговите средби со најголемите светски лидери - на пример, средбата и разговор со папата Јован Павле II (1998) предизвика интересирање во целиот свет и одгласите уште траат. Ѓулен учествува на собири со пацифистичка и духовна цел, на кои учесниците од разни култури и религии, народи и генерации се сплотуваат да ја шират идејата за единствен, интегриран свет и за мирот. Еден од таквите собири е Меѓународниот форум *Религиите и мирот - од теророт кон планетарната етика* (Москва, 2005) и разни други слични собирања, некои од нив се посветени и на анализирањето на мислата на Ѓулен. Изработена е и интересна интернационална *Платформа Дијалог Евро-Азија*, која инсистира на глобалната етика и на етичките димензии на дијалогот и на разбирањето во современиот свет. Ѓулен вели: "Во целиот Универзум животот покажува симфонија на заедничко помагање. Сите делови на светот меѓусебно се поддржуваат и си помагаат".

Позицијата и дејноста на Ѓулен се израз на подемот на модерниот дух на исламот и на новата смисла на религискиот дух во денешниот свет, на светското поврзување на религиите и на развојот на етиката во граѓанското општество. Местото на Ѓулен во современата епоха е бележито, тој има интернационален углед, неговите идеи одекнуваат и се шират низ сите континенти. Неговите ставови и влијание се следат и се чувствуваат во широките области - од религијата и културата, до бизнисот и образованието.

Како **религиски** толкувач, Фетулах Ѓулен мошне интересно говори за верата и со голема духовна сила ги објаснува исламот, Коранот, личноста, делото и традициите на Пророкот Мухамед, како и идеите и методот на суфизмот и на другата верска практика - и тоа на научен начин, поврзувајќи го своето толкување со насоките и дигнитетот на современата мисла. Етичката основа на љубовта, сочувството, милосрдноста и простувањето Фетулах Ѓулен ги користи да објасни дека помеѓу луѓето не треба да владее непријателство, злоба и одмазда, бидејќи со тоа се нарушуваат начелата на верата. Тој укажува дека Исламот е религија која бара мир. Во светот силно одекна прочуената изјава на

Ѓулен, а се однесува на насилството кое се користи во политичките пресметки, при што се заборавaат позитивните етички вредности. Во денешницата мнозина теророт сакаат да го поврзуваат најмногу со муслиманите, односно за него најповеќе се обвинува исламот небаре е милитаристичка религија. Во духот на миролјубивиот и милосрден ислам, по повод настаните од 11 септември 2001-та, Ѓулен кажа: "Коранот објави дека оној кој неправедно зема живот, всушност ги зема сите животи на луѓето, а оној кој ќе спаси живот, всушност ги спасува сите животи на луѓето. Дури Пророкот Мухамед изјавил дека муслиманот е личност која не повредува ниту со рацете ниту со јазикот... Тероризмот не може да биде употребен да се постигне никаква исламска цел. **Ниеден терорист не може да биде муслиман, ниеден вистински муслиман не може да биде терорист**. Исламот бара мир и Коранот бара секој вистински муслиман да биде симбол на мирот и да ги поддржува сите основни човекови права". Сите нас тоа нé замислува никој да не користи насилство и терор против друго човечко суштество, да ја поддржуваме етиката и идеологија на мирот и толеранцијата, кои за Ѓулен се главни вредности за кои тој се заложува.

Како **философ**, Ѓулен не ги разделува идеите за светот и верата. Тој укажува дека нема потреба од двојна, паралелна човечка духовна активност, небаре едната е валидна за материјалната, другата за духовната реалност. За него реалноста е една, а може да се согледа и изучи преку студирањето на Универзумот. Ѓулен посочува на потребата да се проучува исламот, за кого вели дека дава научни објаснувања за широчината на постоењето, изворни идеи за суштината и психологијата на човекот и правилни определби за човечкото ориентирање и дејствување. На современиот свет му укажува дека од Истокот доаѓат интересни и важни идеи за целото човештво, кое треба обединето да настапува и да ги споделува искуствата и заедничкото проучување на вистината.

Ѓулен е интересен **социјален** мислител во современа смисла. Тој говори за слободата и креативноста на личноста, за смислата и значењето на заедничкото живеење, за правдината, за универзалната смисла на егзистенцијата на сите луѓе на светот. Од него можат да се научат значајни нешта за граѓанскиот свет, за модернизацијата на живеењето и за унапредувањето на човечкото заедничко дејствување, за модерната и корисна политика.

Особено е значајно настојувањето на Ѓулен за *образованието*. Тој е еден од **најангажираните просветители во нашата епоха**, во која образованието е најраширена дејност, а философијата на образованието е една од централните нови дисциплини. Ѓулен ги повикува сите да се образуваат и во својот човечки пат да тргнат од повисока позиција - како вистински познавачи на светот и на научните закони, како поддржувачи на верските принципи, како приврзаници на демократските социјални визии и како автентички носители на креативна моралност.

Младите здушно го прифатија својот Учител. Тој им посочи **високи идеали**. Тие се воодушевени од неговото искрено настапување, од покажаниот алтруизам и љубов за луѓето, од советот дека не треба да дозволат да бидат обземени од духот на материјализмот и поседувањето, дека треба да им служат на луѓето, дека треба многу да се развиваат во науката, дека треба да бидат добри и подобри. Истовремено Ѓулен настапува мошне граѓански, тој не искажува лични политички амбиции, туку на младите им говори со најубави зборови пред сé за нив самите, за блиските, за нивната земја и за сите луѓе на светот.

Така во сите важни области - теологијата, философијата, социјалната наука, педагогијата - Ѓулен вградува автентична етичка мисла на

себепочитување, достоинство, грижа за светот, за другите и за себе, идеја за преданост кон највисоките принципи на постоењето и за давање на најдоброто од себе во изградбата на општеството и на светот. Врз основа на учењата на исламот и во согласност со особените духовни традиции на Турција, Ѓулен упатува на позитивен патриотизам и интернационализам, самиот ги проучува светските вредности, а на сите луѓе, посебно на младите, им препорачува правилен пат по кој луѓето треба да одат во **новата епоха**, која ќе биде *светска* според значењето, *мултикултурна* според доживувањата, *религиозна* според највисоките цели, а *пријателска* според поврзаноста на луѓето. Ѓулен зборува детално за главните вредности Љубов, Милосрдие и Простување, Толеранција, Мир, како и за придружните вредности Сочувство, Разбирање, Дијалог, Солидарност, Помош... Сите вредности Ѓулен ги поврзува во еден сконцентриран став: **Сега треба да мислиме за доброто на човекот**, стремејќи се љубовта и толеранцијата да ги опфатат сите луѓе на Земјата (по предлог на моите турски колеги, кои здушно ги поддржуваат идеите на Ѓулен, јас напишав книга "*Етичките учења на Фетулах Ѓулен*", Скопје, 2010, стр. 190).

Своите етички учења Ѓулен ги поврзува со визиите и предлозите за меѓукултурна соработка на народите, за меѓурелигиски дијалог и заедничко настапување, за меѓуцивилизациска средба и запознавање, за пацифистичка иднина на човештвото. Во таа смисла, етиката е суштествена содржина во учењата на Фетулах Ѓулен, речиси сите негови дела имаат етичка содржина и вредност. Тој е **еден од најзначајните етичари на новата морална ренесанса**, тој ги поврзува традицијата со иднината, длабоката духовност со животната реалност, особените турски и источни искуства со општата судбина на светот, највисоките морални вредности со конкретните задачи на современиот човек.

**Етички мисли на Фетулах Ѓулен**

"Можам да кажам дека мирот, љубовта, простувањето и толеранцијата се основата на исламот; сé друго е случајност."

"На секој човек може да му го согледаме неговиот карактер од неговите постапки. Совршените луѓе имаат задача да се однесуваат благо, кротко... Како верници ние не смееме да бидеме насилни, ниту да се подбиваме со луѓето, дури и ако тие постапуваат непријатно."

"Свеста за добрината е како таинствен клуч кој ја отвора портата на кругот на добродетелите."

"Секој ќе го прегрне секого со љубов - па, со Божја помош, 21-то столетие ќе биде наречено *епоха на толеранцијата*."

"Со меѓусебна љубов, ние ќе одиме напред утре."

# 99. Џонатан Шел
## ДА ГО СПАСЕМЕ СВЕТОТ ОД УНИШТУВАЊЕ



Во секоја епоха има некои **главни прашања**, кои бараат од луѓето да постапуваат соодветно, надевајќи се дека токму таквото однесување ќе претставува најдобар начин на човекување, а дилемите дали тоа е исправно нема до крајност да ги обземаат душите на луѓето. Некогаш се тоа размислувања за небото и за вториот свет, некогаш соништа за слобода од странските окупатори или од домашните експлоататори, некогаш револуционерни стремежи за промена на политичкиот систем или надежи за подобри човечки односи, некогаш големи амбиции за завладување со нови простори и техника или за воздигнување на човечките стандарди на живеењето. А денеска тоа се **стравот** дека сме на работ на пропаѓањето и дека малку недостига за да упропастиме многу нешта ако не постапуваме **внимателно** и **рационално** - дојдовме до ситуација докрајно да се плашиме од општото пропаѓање, светот е во најголема егзистенцијална криза, може да се случи да се уништи сé што е живо, заедно со луѓето, дури и целата Земја. Во таква ситуација сме од 1945 година, кога е создадено **атомското оружје**, и постојано демне тотално загрозување на светот и на човечкиот род. Против таа крајна опасност станаа и гениите и најумните луѓе уште веднаш откако се појавија нуклеарните арсенали и протестира, но огромниот број бомби, со безгранична уривачка моќ, станаа дел од нашите страдни животи, заканувајќи ѝ се на планетата со уништување.

Тоа е најголем проблем на денешницата. Меѓутоа, не се опасни само хипермоќните средства за разорување, такви се исто така општото загадување и неконтролираното искористување на природните ресурси. Двете тешкотии се поврзани како **опасност за Природата и за човештвото**. Одговорот на научниците и моралистите за повредувањето на Природата и за подобрувањето на природните услови за живеење на човекот и на другите живи суштества се изложени во **еколошката етика**, за човечкиот ум и добрина да го согледаат патот за решавање на овие тешки, незаобиколни прашања. Нуклеарните проблеми како трајни човечки предизвици и маки целосно ги изложи американскиот есеист Џонатан Шел.

**Џонатан Шел** е роден во 1943 година во Њујорк; бевме врсници, почина во март 2014 година, кога се надевавме дека ќе може да му јавиме дека го избравме за еден од стоте најзначајни етичари на светот, кои им ги кажуваат на луѓето најважните и најдобри нешта. Тие проблеми ги доживувавме слично, како генерација. Шел дипломирал на најпрочуениот универзитет Харвард (1965). Плоден соработник (1967-1987) на познатото социјално и културно списание "Њујоркер", се истакна со познавањата на разни нешта и сметан е за еден од **водечките американски интелектуалци**. Потоа бил гостин-професор на еден од најпрочуените универзитети Јејл.

Шел во 1980 година во "Њујоркер" во 3 продолженија објави студија за тешкиот проблем на нуклеарното вооружување; книгата излезе во 1982 година. Тој го кажа непосредно, незаобиколно, за паметење она што доста луѓе го знаеја и мнозина веќе го говореа. Првата **атомска бомба** е фрлена со ужасен резултат 37 години пред тоа, но оваа книга - според оценката на оние што ја претставуваа на јавноста - ќе стана класика *ако* луѓето разберат што таа им кажува и порачува. Книгата Шел ја наслови "**Судбината на Земјата**". Тој има напишано уште многу книги, а овде директно расправа за страшниот проблем и за стравовите кои луѓето треба да ги имаат од нуклеарното оружје, за никако да не ги заборават опасностите. Книгата е наградена со висока награда. Означена е како "книга со исклучителна сила", "длабок историски момент", потсетник "да си го соочиме умот со нуклеарната опасност". Од другите книги на Шел ги споменуваме "Незавршеното XX столетие" (2001) и "Седма деценија" (2007), во кои натаму ја претставува атомската опасност и другите кризни проблеми на човечкиот опстанок.

Интересен пристап кон прашањето на развојот и **опстојбата на нашата планета** има направено еден постар автор - **Имануел Великовски** (1895-1979), роден во Русија, студирал медицина и други науки во францускотo Монпелје, Единбург, Москва и Киев, каде што дипломирал во 1921-та. Емигрирал во Германија, почнал да издава научно списание, соработувал со Алберт Ајнштајн, еден е од основачите на хебрејскиот универзитет во Ерусалим, каде живеел од 1923-та, а во 1939-та бил на гостување во САД и останал иставувајќи се пред војната што настапуваше. Напишал големи студии за античкиот Египет, како и книгите "Светови во судир" (1940), "Земјата во вриеж" (1955) и "Амнезија на човештвото" (*йосШх.* 1982), многу интересни трудови за состојбата на нашата планета, читајќи "од книгата на Природата" и потсетувајќи нé дека Земјата не патува низ празен простор. Тој овде не расправа за влијанието на човекот врз Природата, но ги повикува луѓето да дознаат и да размислуваат за страдалничката реалност запишана во **геолошката историја на планетата**, како постојано престројување на почвата и водите, како "грчеви на Природата": "Земјата и водата, без кои не може да се замисли опстанокот, одеднаш се претворија во непријатели и уништувачи на животинското царство и на човечкиот род, кои не можеа да најдат засолниште ни прибежиште". Тој зборува за мигновените уништувања, за несреќите над кои човекот нема контрола, за човечката вознемиреност, очајување и страдање.

Тој поглед инаугурира една нова етичка визија **катастрофизам** (од *хел*. катастрофа = пресврт, решителен миг, нешто исклучително значајно што доведува до нова ситуација; мошне несреќна појава, тежок настан, решавачки пресврт; **пропаст**). Во хеленските драми *катастрофа* претставувала *расплетување* на дејствието. Во театарот настаните одат кон тензија и посилно доживување, а во помодерното време овој термин се поврза со **големите страдања** во природата, **катаклизми**, кои водат до пореметување на животот и до големи загуби. Великовски не го измисли овој став; според *хел*. катаклизма = поплава, потоп, пропаѓање, прочуениот францускиот зоолог **Жорж Кивије** (1769-1832), создавач на палеонтологијата и на компаративната анатомија на цицачите, изгради теорија според која некои геолошки и биолошки појави се предизвикани од катастрофите на Земјата, а органскиот свет ќе биде уништен по огромните пореметувања на површината на планетата, по што ќе се родат нов живот и негови нови форми. Великовски покажува дека големите катастрофи се случени не многу одамна, туку во времето кога веќе постоел човекот, дека за тоа има безброј докази во геолошките движења и наоди, како и во етнографските сеќавања и записи на старите народи. Поуката е дека човекот треба да знае дека го **демнат несреќи и страдања** од самата астрономска реалност, дека секој час е возможно пореметување на

состојбата на Земјата, која нам ни се чини стабилна (си велиме дека ќе пропадне дури по неколку милијарди години, кога Сонцето ќе стане џуџеста ѕвезда). Таквите идеи не се нови - во класичните свети текстови, особено популарни во Средниот век, се говори за **Апокалипса** (религиозни визии за несреќно уништување на светот), за пропаѓање на природата и на луѓето, за дожд од комети, за огнови, за сиромаштија и глад, за страшни болести, за лути војни, за "крај на светот" (пред Последниот суд).

Напоредно со оваа природна, геолошка теорија и реалност, на погледите за катастрофа им се приклучија и **делата на самиот човек**, како многу **нови појави**, кои ги *загрозуваат* Природата и животот на човекот - започна подемот на индустријата и користењето на јагленот и на нафтата за греење, а уште повеќе за производство на енергија (со разни нузпродукти, особено јаглендиоксид); почви, води и разни руди масовно и расипнички се искористуваат за човечки потреби; рапидно се зголемува бројот на жителите на Земјата, насекаде се изградија огромни градови и бројни населени места; се наголеми сообраќајот со неговите хемиски последици во воздухот, а сообраќајниците покрија многу корисни простори; исечени се шуми, со многу ерозии на почвата, раширени се пустините; извалкани се водите и океаните, загадена е Земјината површина; искоренети се многу растителни и животински видови; случени се големи несреќи на производните капацитети и на сообраќајните средства; хемиски производи ги трујат посевите, воздухот и луѓето; претераната употреба на вештачките азотни ѓубрива (што помага за побогат род на растенијата) ги загадува водите, убивајќи ги во нив животните и растенијата; непрекинатите војни уништија безброј имоти, луѓе и добиток (а посебно ја зголемуваат негативната енергија во човечките суштества); има климатски промени под влијание на човечкото однесување - зголемување на општата температура, силни ветришта, ефект на стаклена градина, топење на трајниот лед на планините и на половите, озонска дупка како последица од користење хемиски производи; се шират нови болести (иако доста стари болести се совладани, начинот на живеење води масовно кон некои заболувања, а се појавуваат и сосема нови, поврзани со глобалните комуникации); општ пораст на ѓубрето и на загадувањето во сите сфери и простори; несмирување на конфликтите помеѓу луѓето, кои се закануваат со делумни или со пошироки убиствени дејства, а се шири и теророт, значи постојано се одгледува насилство... Тоа се бројните **човечки придонеси за катаклизмичните состојби** во светот и за нужната загриженост на луѓето денес.

**Атомското оружје** е специјален случај - како *многустрана опасност* од директно уништување, од радијација со влијание врз телесната состојба и врз генетската реалност, размножување и мутации на живите суштества и од трајни стравови кај луѓето за загрозеноста и несмиреното тормозење. Цели 45 години *студената војна* (1945-1990) помеѓу двете најголеми сили со нуклеарни потенцијали ги разнебитуваше свеста и ја ограничуваше самосвеста на луѓето, не можеа да дојдат до позитивни мисли. Со експлозијата на 1.000 атомски бомби од Хирошима до спогодбата да не се прават отворени проби (1945-1963) трајно е загаден сиот воздух и почва, така што е бесмислена секоја идеја за еколошка чиста средина. Атомските централи создаваат нови видови страдања и стравови - во американската централа во Харисбург (1979) имаше проблем, се роди "Кинески синдром", дека реакторот ќе "се пробие низ целата Земјина топка до Кина"; експлозијата во **Чернобил** (1986) не само што усмрти илјадници луѓе во Украина, туку и разболе од рак стотици илјади во Европа; постојана закана од радијацијата на нуклеарниот отпад; опасноста од атомска закана од терористите (кои ќе купат или ќе направат атомско оружје), како и огромните залихи кај големите

сили (денеска е обавено дека има 60.000 атомски глави, секоја посилна од бомбата фрлена над Хирошима), ги плаши сите луѓе. Тоа е еден од основните видови **катастрофизам во новата ера**.

За книгата "Судбината на Земјата" од Шел е кажано дека е "клучен елемент во историјата на човечката мисла". Во преднуклеарната ера човекот имал сообразни мисли и навики, но од создавањето на нуклеарната бомба тој има **нова судбина**, треба да се соочи со фактот дека на човечкиот род му се заканува самоуништување и мора да го спречи ова апсурдно, безгранично, конечно пропаѓање. Нуклеарните постројки ги направил човекот, а тие сега му се заканууваат со уништување. Шел укажува дека (во 1980-те) човештвото веќе 4 децении живее во сенката на нуклеарната катастрофа, се привикнува на сенката на смртта, сака да ја заборави (како што постапуваат крајно болниот и осудениот на смрт), надевајќи се дека опасноста некако ќе се отстрани од неговиот свет - но тоа не е можно. Психологот Роберт Лифтон вели дека сме "**нурнати во смрт**". Шел потсетува на етичката склоност на човекот да го потценува злото: "Оштетувањето на Земјата, вели Шел, е најголемата од сите опасности што ги донесува нуклеарното оружје".

Во светлината на нуклеарната сила - сите човечки нешта изгледаат кршливи и ограничени. Илузијата е дека се возможни ограничени атомски војни, како што расправаа стратезите на големите сили, правејќи планови за судири помеѓу нив во кои нема да се употреби нуклеарното оружје или, пак, тоа би било користено само делумно (дури се измисли и "чиста" нуклеарна бомба, која *само* ќе убиеше живи суштества, а територијата би била незагадена, слободна за употреба на "победникот"). Тие концепции се нереални, опасноста од нуклеарното оружје е перманентна и незаобиколива ако започне војна. Некаде во почетокот, а и досега, се кажува дека нуклеарното оружје служи само за застрашување и ќе доведе "до крајот на сите војни", небаре сите ќе се плашат да ги употребат ваквите оружја - а забораваме дека во историјата имало луди генерали кои биле готови за крајни злосторства и, уште повеќе, дека сега не останаа само две нуклеарни суперсили, кои евентуално би можеле да се спогодат, туку уште многу земји направија и нови прават атомско оружје, со што опасноста се зголемува со геометриска прогресија.

Најинтересното во книгата на Шел е неговото толкување на знаењето. Од Ренесансата знаењето е прва човекова задача и постигнати се енормни резултати. Меѓутоа, "знаењето може да го зголеми незнаењето", вели Шел. **Знаењето води кон нови сознанија** и "чудесни видици", но **може да не ги овозможи разбирањето, умноста, мудроста**. Знаењата од нашата епоха покажаа уште колку не знаеме и колку треба уште да откриеме. Се цитира биологот д-р Луј Томас: "Не знаеме како функционираме, не знаеме каде припаѓаме, а најмалку од сето го познаваме огромниот, недофатлив систем на животот во којшто сме всадени како активни делови. Всушност, ние **воопшто не ја разбираме природата**". Шел истакнува дека не е најстрашното она што го знаеме за можната катаклизма, туку она што не ни е познато - ова Шел го споредува со нашите дејства со кои во модерната епоха ја повредивме *екосферата* (се случија безброј негативни последици - на пример, опасноста од озонската дупка, а поради абиотичките својства веќе одамна ултравиолетовите зраци се користат за стерилизација). Исто така, **за нуклеарната катастрофа до пред неколку децении не се знаеше дека е можна**.

Шел мудро предупредува: "Кога станува збор за последиците од нуклеарната катаклизма, не е можно никакво експериментирање, а тоа значи - ни потврда од искуството. **Со Земјата не може да правиме експерименти**, затоа што имаме само една Земја и од неа зависи нашиот опстанок; ние немаме некоја резервна Земја, која би можеле да ја разнесеме во некоја вселенска

лабораторија и така да дознаеме колку е отпорна на нуклеарната катастрофа". Потсетува на глупостите во дискусиите околу атомската опасност, кога се барало колку мегатони е потребно за да се истребиме себеси (една тајна не е раскриена - се зборува дека еден диктатор заповедил да се фрли бомба врз една негова дивизија за да се види какви се последиците). Шел заклучува дека за набљудувањето ние немаме друга платформа освен **сопствените смртни рамки**. Ако гледаме биолошки, би можеле да го разгледуваме размножувањето на живите суштества од клетките. Но, Земјата се разликува од клетката: "Земјата, како мајка на севкупниот живот, нема жив родител".

На Земјата треба да се гледа како на еден *единствен* механизам-организам (така и ја именува астрономот Џејмс Лавлок - **Геа**). Нужен ни е **холистички** поглед на нештата, водење сметка за сите појави и последици, затоа што се поврзани. На Земјата може да се очекува дека една појава ќе влијае врз некоја друга или врз поголем број други. Промената на климата може да се одрази неочекувано врз голем број животни елементи: "Не е позната севкупноста на овие дејства". Но, знаеме дека е можен **ненадеен, драстичен еколошки разгром**. Шел укажува дека Земјата стана малечка, а животот на човечкиот вид несигурен. Споредувајќи разни проблеми во современиот свет, вели: "Мораме да заклучиме дека нуклеарната катаклизма од големи размери би можела да доведе до смрт на човештвото".

А "кога еднаш сме дознале дека катаклизмата *може* да доведе до уништување на човештвото, немаме повеќе право да се коцкаме, зашто ако загубиме, играта е готова и ниту нам ниту на некој друг ќе му биде дадена втора шанса". За користењето на нуклеарното оружје знаеме дека сигурно ќе води кон смрт на нашиот вид. Не знаејќи што ќе се случи во таков случај, немаме право да се играме со таквата тајна: "Ние сме во длабоко незнаење. Заради тоа незнаење треба да си поставуваме прашања, чудењето би требало да нé направи скромни, би требало да нé вдахнови на почитување и внимателност, што би требало да нé водат кон акција, без одложување, за да ги повлечеме заканите кои сега ги ставаме пред Земјата и пред себеси".

Ова се познати факти, освен ако не ги запоставувавме или не им го даваме точното значење. Големиот придонес на Шел, пошироко во етиката, се однесува на толкувањето. Тој вели, кога би можеле да замислиме да се создаде некој општ совет, кој би можел да заповеди да се уништи сето нуклеарно оружје, тоа би бил прв чекор кон ослободувањето од морничавата ситуација. Но, "завојуваните или воинствените нации сепак одново би ги направиле своите нуклеарни арсенали - можеби дури и за неколку месеци". Тоа би се случило и ако се заповеди да се затворат сите фабрики за правење атомски бомби, а потем и сите фабрики кои прават фабрики за правење атомско оружје. Тоа на нов начин го поставува овој круцијален проблем на човештвото. Советот би можел да заповеди светската индустрија да се задржи во пред-нуклеарната фаза, но и тоа би било безуспешно, бидејќи сите планови би можеле повторно да се создадат. Имено, човештвото не би можело да смета дека ќе успее да го запре светот да не се уништи: "Опасноста од истребување на човештвото со нуклеарно оружје не лежи во никакви особени општествени или политички околности на нашето време, туку во тоа што човештвото како целост... достигнало определено ниво на знаење за физичкиот универзум". Шел укажува дека **научното знаење е најтраен производ од сé што имаат направено човечките раце и ум**. Сите дела на човекот можат да застареат и да пропаднат, но не се губи знаењето како тие да се направат. Науката е процес на откривање и не знаеме што ќе откриеме - но откако биолозите ги откриле гените, не можеме да бидеме сигурни дали нема да се плеткаат во тајните на

животот. Ајнштајн е најблага личност, а неговото откритие на суштината на светот овозможи да се создаде оружје кое може да уништи сé. "Науката е плима која само може да расте", заклучува Шел. Но, ние **не знаеме како нешто намерно да заборавиме**. Не знаеме дали ќе откриеме нешто што ќе нé ослободи од нуклеарната опасност. Се зборува за преселба на други планети - небаре нас нé загрозуваат растенијата и животните од Земјата, а не ние нив. И таму луѓето ќе си заминат со знаењата за бомбата. Според Шел, постојат две зла од кои не може да се ослободиме: нашите сопствени откритија и нашата склоност кон уништување и самоуништување. Шел мисли дека ќе мора да пронајдеме друг начин како да се спасиме од **најголемиот проблем на животот и на етиката денес**.

Човекот веќе живее во нуклеарната ера. Дента кога требало да се изврши проба на првата атомска бомба (16 јуни 1945) во Лос Аламос во САД, сите биле исплашени, бидејќи пресметките не кажувале точно дали нуклеарната фисија ќе ја разнесе целата Земја или можеби и целата вселена. Тоа не се случи и бомбата беше фрлена на Хирошима. Оттогаш се испробани илјадници бомби, но ни денес не знаеме дали не може да се случи таа страшна можност. Ние замижуваме, се навикнуваме на опасноста, се охрабруваме дека нема да дојде до нуклеарна војна или дека нема токму ние и нашите да настрадаме во неа, но тоа се сé психички себезалажувања. Многу учени сметат дека е неизбежна употребата на нуклеарните оружја, некои ја препорачуваат против непријателите на нивните земји. "Билтенот на атомските научници" непрекинато од 1947 година донесува часовник на "Судниот ден". За Шел нуклеарната опасност е **центар на еколошката криза на човештвото**: "Човечката власт над Природата доведе до безусловно зголемување на власта на смртта на Земјата". Затоа тој го поставува основното прашање пред човечкиот род: **дали на Земјата ќе надвладеат животот или смртта?**

Шел потсетува на зборовите на *Франц Кафка* (1883-1924) за апсурдноста на модерното човечко живеење: "Бескрајна надеж постои, но не за нас". Ние сме пред ужасната можност да ги спречиме идните генерации да се родат и да живеат - затоа треба да ги поставиме "суштествените нови прашања за нашиот опстанок". Животот на човекот е заеднички. Од историската далечина ние стигнавме до состојба да може да се нурнеме во уште поголема, бескрајна темнина. Само заедничкиот свет ни дава надеж дека може да преживееме: "Денес нашите одговорности како граѓани на светот се силно зголемени. Во преднуклеарното заедничко живеење бевме партнери во заштитата на уметноста, институциите, обичаите... **Денес мора да бидеме партнери во заштитата на самиот живот**". Еден поет рекол: "Мора да се сакаме едните другите - или да изумреме". Научната фантастика ни понудува имагинарно бекство од проблемите - тоа е мамка за која се фаќа нашиот вид. Шел вели: "Обврската на видот да опстане ја поставува пред секоја единка новата обврска да го остави на страна својот интерес во корист на општиот интерес". Секоја генерација има обрска да преживее за да може да се роди идната генерација. Станува збор за **најрадикалното зло во човечката историја**. Но, го запоставуваме, живееме според вообичаените теркови, а ги натрупуваме средствата кои можат да ја уништат планетава. "Животот продолжува..., но со разнишани чекори..., одејќи низ темнина". Менталната несигурност ќе нé води кон прифаќање на помалите несреќи, божемски така ќе сме ја одминале (одложиле) најголемата. Шел препорачува од новото чувство на одговорноста да произлезе "**универзална светска програма за сочувување на нашиот вид**... Таа програма би била **мера на честноста и на човечноста на живите**". Би требало да

создадеме нова врска помеѓу луѓето и нов начин на меѓусебна грижа, почитување, "форма на љубов". Треба да ги пуштиме да се родат идните деца, од нуклеарната закана да извлечеме изострена свест за животот и за возобновувањето на светот. Потсетува дека еден јапонски монах рекол: "Секој ден е добар ден".

Шел наброја неколку неопходни животни и етички начела, кои ни се нужни во нуклеарниот свет: *Прво*, почитување на човечките суштества, родени и неродени... *Второ*, почитување на Земјата, разбирање на животната средина не како просто опкружување, туку како основа на човечкиот и на другиот живот... *Трето*, почитување на Бога или Природата, зашто ни како единки ни како вид не сме се создале сами, а нашата зголемена моќ не е свртена кон создавање, туку кон разурнување... Опасноста е наведната над нас, а ние мора да мислиме и на себе и на иднината на човештвото. Надежта дека човештвото ќе опстане е најскромната, само таа нè доведува до останатите надежи: "Само бараме некој да нè надживее нас... Живеењето без надеж во човечкиот опстанок е живот во очајување". Ако се откаже од таквите стремежи, заклучува Шел, човекот се откажал од сè. Градењето на катаклизмичната машина ја оценува како "несомнено најголемата грешка што ја направил нашиот вид". Но, зар самоистребувањето е закон на нашата природа?!, се запрашува Шел. Мора да може да се постигне ненасилен начин за решавање на проблемите. "Нашата задача е повторно измислување на политиката; повторно осмислување на светот". Човекот може да ја вложи љубовта наспроти физичката енергија од срцето на материјата, наспроти ништожноста. "Поентата е животот".

Со бомбата врз Хирошима **светот тргна кон самоуништување**. Тоа го забележаа и осудија безбројни научници и хуманисти: Алберт Ајнштајн и Зигмунд Фројд, Никола Тесла и Лео Силард, најголемиот современ хемичар и двојниот нобеловец Лајнус Паулинг и Роберт Опенхајмер - кој беше директор на проектот за создавање на првите нуклеарни бомби (во времето кога и Хитлер се закануваше дека прави такво оружје, а насекаде во светот се водеше борба за одбрана на цивилизацијата). **Опенхајмер** (1904-1967), добитник на Нобеловата награда, кој покрај физиката студираше и класични јазици и санскрит, рече со каење во хиндуистички дух: "Сега станав смрт, уништувач на светот". Идниот живот го посвети на антинуклеарната борба, во книгата "Науката и разбирањето" (1954) вели: "Историјата на откритијата на полето на атомистиката нè подучи толку многу, и лаиците и упатените. Таа нè потсети на сушноста на класичната мудрост, која луѓето треба да ја носат во срцето". Најголемиот философ на XX век лордот **Бертранд Расел** (1872-1970), пацифист уште од Првата светска војна, добитник на Нобеловата награда, во говорот во британскиот Горен дом укажа дека на прашањето на нуклеарното оружје мора да се гледа од **становиштето на иднината на човештвото**. Со иницијатива на најзначајниот современ научник **Алберт Ајнштајн** (1879-1955), кој укажа дека Четвртата светска војна сигурно ќе се води со камени секири (зашто во атомскиот судир ќе биде уништена цивилизацијата), Расел основа во канадското место **Пагваш Движење** на најистакнатите светски научници за мир (1957). Расел и лично учествуваше со младите демонстранти и со жените исплашени за децата против лудилото на студената војна и нуклеарното вооружување, можеби тој го открил методот на протести со седење **сит-ин** (што е можно во демократијата, во диктатурите убиваат).

Расел велел дека се бори за среќата на луѓето. За научниот морал е важно што Расел се занимава со прашањето на **повикот на философот** денес, со тоа што е смислата на философијата. Расел смета дека философот е повикан да

се **бори за вистината**, смислата на философијата е **барањето на вистината**. Доколку философијата му служи на философот за нешто друго, а не за непристрасно барање на вистината, тој прави предавство на философијата. Тогаш е морално одговорен - затоа што ја изневерува смислата на својата наука. Но Расел сметал дека вистината треба да биде *научно втемелена*, *без предрасуди* и *без нетрпеливост*. "**Философијата прави навика за совесна вистинољубивост**". Вистината мора да биде егзактно поставена, без субјективизми. Само ваквата вистина ќе овозможи, според Расел, симпатии и разбирање меѓу луѓето.

И покрај опасноста од нуклеарното оружје, сепак многу земји се зафатија да го произведат, со што им се закануваат на своите соседи, а не сметаат дека со тоа си се доведуваат и себе во смртна опасност. И ние бевме на прагот на такво решение, но бидејќи не успеавме, скришно викавме дека не сме се обидувале, а да успеевме, ќе се фалевме пред светот (како што сега со својата бедотија и со своите бомби, кои ги проба во атмосферата, се "гордее" диктаторот на трагичната Северна Кореја).

Џонатан Шел говори **во името на човекот**. Досега човекот можел да настрада од природни катаклизми, сега си се закaнува со атомска катастрофа предизвикана од него. Треба да живееме во единство со човештвото. Атомското застрашување е бесмислено за човекот. Ги раскинува сите врски на љубовта и на почитувањето, кои ги поврзуваат човечките суштества. Го уништува човечкиот разум - и секоја надеж.

Другото прашање на катастрофизмот е поврзано со човечкото невнимателно и неодговорно однесување во **животната средина** и спрема **Природата во целост**. Тоа е едно од најважните биолошки, антрополошки, политички и етички проблеми денес. Со загадувањето на животната средина и со расипувањето и уништувањето на природните услови луѓето си **го намалуваат квалитетот на животот** и придонесуваат далекусежно да се загрози опстанокот на човечкиот род на Земјата. Во последните неколку децении се родија философски и етички дисциплини кои се занимаваат со овие прашања и се наметнаа и стигнаа до врвот на актуелноста на човечкиот мисловен, морален и политички ангажман: **екологија** (името го даде во 1866-та биологот *Ернст Хекел*, 1834-1919) - наука за животната средина на живите видови, т.е. за природните услови на живеење на секое живо суштество и за неговите односи со средината и со другите живи суштества со коишто ја споделува (главни поими се *екосфера* или *биосфера* - слој на Земјината атмосфера во којшто може да има живот; *екосистем* - биолошка заедница и нејзина животна средина со меѓусебна размена; *хумана екологија* - наука за конкретните елементи на човековата природна средина, за условите и начинот на живеење на луѓето, кои се единствен голем вид кој живее во сите светски краишта и средини, како и за нужниот квалитет на природните услови за непречено, добро и достоинствено човеково живеење); **етика на животната средина** (енвиронментална етика) - морална наука за разбирањето, внимавањето, чувањето и унапредувањето на човековата околина и на нејзините елементи; **еколошка етика** - морално учење поттикнато од еколошките сознанија за вредноста на елементите што го опкружуваат човекот во неговиот живот и му се важни, како и за благородното чување и унапредување на условите за живеење, чија цел е вкупното подобување на опстанокот на луѓето и на другите живи суштества на Земјата. Така од наука за природната средина, *екологијата прераснува во поим за етичка заштита на средината*. **Еколошката етика се развиваше со деградирањето на човековата средина** - обратно пропорцијално од опаѓањето на условите на живеењето се будеше и растеше свеста за значењето на добрите услови за вистинско човечко живеење.

Многу научници, организации, конференции и книги се занимаваат со еколошките проблеми. Д-р **Херберт Грул** (1921-1993) одлично ги претстави значајните еколошки прашања на човечката опстојба и проблемите во разните домени на човечкото живеење во познатото дело "**Една планета е опљачкана**" (1975), со поднаслов "Застрашувачки биланс на една политика". Овој научник и политичар своето пратеничко дејствување во Федералниот парламент на Западна Германија го има посветено на објаснувањето и суредувањето на заштитата на човековата средина. Тој кажува дека говори во името на свесните луѓе, чувствителни и одговорни за иднината, во која основен проблем станува **како да се преживее**. Вели дека не е песимист, ниту пророк за пропаста на светот, туку рационална личност, која нема способност да ги премолчува нештата и се разликува од оние кои мирно сакаат да ја скријат вистината: "Политичарите од сите земји се прават слепи и се смируваат себеси и своите бирачи на начин што веќе навредува со тоа што некако несигурно, но сé уште рамнодушно, најавуваат свои розикави слики на иднината". А таа е застрашувачка, фактите се неумоливи. Во 2050 година треба да се трошат 30 пати повеќе скапоцени природни блага и да се произведува 30 пати повеќе, што ќе се претвора во некорисен отпад - само ако порастот биде 5% годишно. "Човекот не може да се измолкне од ниеден закон на природата, вели Грул. - За човекот важат истите законитости како и за вишите видови животни. И нему, како и на останатите видови, му се потребни воздух за дишење, вода за пиење, храна за одржување на телесната енергија. Во однос спрема овие примарни потреби, сето останато е вторично. Човекот е подложен на еколошките законитости, кои - доколку со разумно планирање не дојде во рамнотежа со себе самиот и со средината - безмилосно ќе се свртат против луѓето врз основа на биолошко-еколошките механизми на регулација". Грул обвинува за **неодговорност во сегашнината**. Тој го цитира поранешниот германски претседател Густав Хајнеман, кој предупреди (1974) дека "не може да тврдиме дека ни е добро. **Како нашите деца и внуци ќе живеат на Земјата која ние ја пљачкосуваме и уништуваме?!**" Грул потцртува дека проблемот сега испакнува со својата **етичка димензија**.

Во книгата Грул покажува дека **патот на човештвото во последните 200 години не бил умен**, технологијата сме ја користеле претерано и погрешно, не водиме сметка за порастот на населението, туку и натаму ја истакнуваме потребата да се задоволат "сите" потреби, кои веќе денес донесуваат претеран смет и ја загадуваат планетата. Таа епоха мора да престане, да настапи нова ера на рационално и одговорно однесување, да се води сметка за **условите за преживување**. Не е доволна поединечната подготвеност (иако ни таа не е масовно раширена), треба да се организираат сите заедници и целиот свет, да се донесат нужни решенија и обврзувачки документи, штедливо да се постапува со енергијата и со суровините, "да се поставаат остри граници, неопходни за сочувување на еколошката животна основа". Тоа Грул го нарекува **еколошка политика**, која само тогаш би била и *социјална политика* (со која светот сега толку се пофалува).

За еколошката политика Грул истакнува низа принципи - кои се потребни за да се совладаат еколошките проблеми и достојна иднина: грижа за основните животни потреби; однесување со целата природа, па и со животните и растенијата, како со партнери; водење сметка за времето (за траењето на ресурсите), па благовремено да се одржува постојното; насочување кон видливо животно подрачје, што ќе води и кон намалување на меѓународните конфликти и до вистинско партнерство меѓу народите; нужно стабилизирање на

населението, бидејќи на планетава има премногу луѓе, а за тоа треба да им се помогне и на земјите во развој; насочување кон **вистинско добро за човекот** и на **одговорност за идните генерации**; образец за техниката и стопанството треба да биде кружен тек - штедливост и повторна употреба; главната грижа треба да биде насочена кон плодната почва, која би создавала богатство со сончева енергија; трудот да биде економски домислен и еколошки нештетен, да служи за себереализацијата и самопотврдувањето на човек, што значи високо да се поставaт културата и мисловните дејности; нужните вредности треба да бидат задача на заедниците, исто така социјално згрижување на ближните. Посебно укажува дека веќе денес би требало да го правиме она што ни се чини дека би требало да го правиме по 30 години.

Грул предупреди дека во историјата се јавувале идеи кои биле мошне интересни и правилни, но потоа се извитоперувале и ја губеле вредноста. Сега ни е потребно **хуманистичко протестно движење**, кое ќе ги надмине спротивностите на сите различни позиции. Тој предвестува дека "политичките судири сé повеќе ќе прераснуваат во остра борба помеѓу оние кои ја уништуваат Земјата и оние кои ја чуваат". Покажува како еколозите, пријателите на Земјата, мајките кои ги сакаат своите деца ќе се поврзуваат со **заедничка одговорност за живот на Земјата**, полн со опасности.

Разни философи се заинтересирани за еколошката проблематика и го истакнуваат нејзиното значење. Големиот етичар **Ерих Фром** (1900-1980) предупреди (1977): "Сите факти се достапни и познати на јавноста. Но, речиси е неверојатно дека досега не се преземени сериозни напори да се избегне навестената судбина. Додека во приватниот живот само луд човек би седел со скрстени раце ако би била загрозена целата негова егзистенција, одговорните за јавното добро не преземаат практично ништо, а оние што ним им ги довериле своите животи, ги оставаат да прават што сакаат".

Интересно учење за еколошката етика има изградено **Ханс Јонас** (1903-1993), ученик на феноменолозите и на современите теолози. Пред нацистичките закани ја напушти Германија, беше во Британија и во Палестина, по војната живееше во Канада и во САД. Најпрвин пишуваше за гностичките учења од првата епоха на христијанството, а потоа разви философија на природата и технологијата, во која најзначајно место му посветува на прашањето на човечката одговорност. Автор е на голем број дела: "Феноменот на животот - За современата биологија" (1963), "Од античките верувања до технолошкиот човек" (1974) и др., а најпознатото е "**Принципот Одговорност - обид за една етика на технолошката цивилизација**" (1979).

Од *Френсис Бекон* (1561-1626) до денес знаењата, техниката и технологијата се во центарот на разгледувањето на мислителите. Создадена е идеологија на знаењето, кое ќе води кон завладување со природата, а науката ќе биде круна на човечкото живеење. За неа се мисли дека е продлабочување на сознанијата за сите сфери и дека методот на фактичноста и објективноста ќе нé издигнат нас луѓето до највисоките скалила од класичната визија на скалата која води кон Небото/кон Бога. Тоа беше духот на Ренесансата, надминување на примитивната необразованост и на верската заблуденост. Тоа уште вирее во човештвото, понекогаш се изразува занес за (блескавите) сознајни височини на мислителите или на пророците. Техниката прави чуда со измислувањето машини и сообраќајни средства, со одењето во Вселената или во морските длабочини, со развојот на комуникацијата... Тоа ги охрабрува луѓето да мислат дека за човекот сé е можно, ако не денес, тогаш веќе утре. Но, реалноста ја испостави сметката за исплатување. Премногу луѓе, намалени ресурси, загадување на водите,

почвата и воздухот, ширење на пустините, климатски промени, озонска дупка, топење на ледот, нови болести. Само ако не се гледа, нема да се види *и почувствува* дека проблемите се големи. Живееме на работ на опстојбата; ужасните војни демнат и се спроведуваат; незаобиколиви се стравовите за спокојството, спасувањето, имањето, сигурноста; насилството и теророт не се намалуваат, иако илјадници години се учиме дека не се добри; добрината постои, но и се судира со несмирените страсти и со амбициите за малтретирање. Менталитетот на луѓето не е сменет (барем од Ренесансата е ист), чувствителноста за страдањата на луѓето и на другите живи суштества е намалена, без оглед што има знаци на сочувствителност и желба за подобрување на состојбите; несигурноста е голема (во разни сфери и по разни поводи), како во најтешките модерни времиња... Јонас се обиде нештата да ги објаснува со развојот и смислата на технологијата. Се обиде да ја разбере технологијата како дел на човекувањето. Но, најзначајното кај него и за еколошката етика, која тој ја застапува, е потсетувањето на денешните и утрешните несреќи (иако не би можеле да го именуваме "катастрофист").

Јонас даде огромен број примери и објаснувања на етика во разните сфери на живеењето и дејствувањето. Но, за етиката се најважни неколку *нови* формулации и содржина на Кантовиот категорички императив:

- "**Постапувај така што последиците од твоите дејства да бидат подносливи со оглед на перманентноста-траењето на вистинското човечко живеење на Земјата!**", или изразено во негативна форма:

- "**Постапувај така што последиците од твоите дејства да не бидат уништувачки за идната можност на таквото живеење!**", или просто:

- "**Не доведувај ги во опасност условите за неограничен опстанок на човештвото на Земјата!**", или, пак, со позитивен израз:

- "**Во својот сегашен избор вклучи го идниот интегритет на човекот како двојник-партнер на објектот на твојата волја!**"

Тоа се однесува на еден автентично човечки живот на Земјата. Се разбира, ова не се формални етички барања, туку, во феноменолошка смисла, експресии на материјалната етика. Вредностите кои ги определуваат императивите се однесуваат на неколку врвни цели според Јонас: а) **луѓето треба да живеат**; б) **луѓето треба да живеат добро**; б) **и натаму треба да има луѓе**.

Јонас укажува и на промената (која ја направи веќе Жан-Мари Гијо, 1854-1888), дека наместо Кантовата формула: *Треба, значи можеш!*, која соодветствува на етиката на должноста, сега е поверојатна и веќе активна формулацијата: *Можеш, значи треба!*, според која реалната **одговорност**, поврзана со современата егзистенција и со положбата во општеството, инспирира и води кон етички дејства. Околу идеите на Јонас многу е расправано, дали е новина поимот "одговорност", која кај него игра решавачка улога во современата етика, давајќи им на луѓето насока и определба како да постапуваат. Во денешната научна и политичка етика тој поим е многу важен, често клучен (но, за да се доразбере ова прашање, потребно е подлабоко споредување со развојот на социјалната етика, зашто уште за првите христијански владетели на Западот е истакнувана нужноста да бидат справедливи и милосрдни, што е вовед во еден систем на одговорноста и сл.). Во секој случај, книгите и идеите на Јонас се влијателни за разбирање и унапредување на еколошката етика.

Во нашиот свет, кој е полн со опасности и предизвици и поттикнува етичка мисла и творештво, за да се надминат опасностите да не го уништиме или човештвото да го доведеме до крај на егзистенцијата - **само умот и моралот се**

**основни и делотворни средства на човекот**. Со нив луѓето може да ги сознаат своите тешкотии и да изнајдат пат по којшто поисправно ќе одат. Ова ново "еколошко" **преиспитување** на човекот е едно од неколкуте клучни во историјата. Основното што треба да го истакнеме е дека принципиелно не станува збор за *загадување*, туку за **уништување**. И дека тоа пред сѐ е резултат на **човечките дејства**, кои во основата ги менуваат благопријатните услови на човековото живеење и воопшто на неговиот опстанок. Затоа еколошката етика станува поттик за **реконструкција** на типот на живеење и човечко однесување. Причинско-последичната форма е универзална: **Секој е жртва, но и причина за пропаѓањето**.

Тоа условува и бара многу нови начини на човековото однесување - негов реалистичен однос, свесност за условите и потенцијалите на животот, внимателно користење на ресурсите, изградба на **висок етички став**, засакување на животот и на живото воопшто, пројава на добра волја кон себеси и кон сите други луѓе (со свест за единство), надоградба на добрите намери и постапки и избегнување на лошите и уништувачките.

И во индивидуална и во социјална смисла, тоа значи длабоко размислување и висока одговорност за постапките - со јасна слика за неодминливите последици и на своето дејствување и на постапките на секого во светот. Образецот е камчето фрлено во вода, од кого брановите како последици се шират врз целиот живот - најмногу токму врз најблиските, но допираат и до најоддалечените простори и луѓе. Суштината на еколошката етика е дека **индивидуалното и социјалното се едно**, дека тие меѓусебно се условуваат и поттикнуваат, дека во својот живот човек треба да има проспективно однесување - визија и свест за иднината, дека како основна добродетел треба да ја гради внимателноста кон своите (и туѓите) намери, постапки и резултати, дека треба да престане да биде саможив, бидејќи така првин себе си наштетува, дека првенствена пројава на човековата смисла и опстанок е правењето избор (кој треба да ја покаже добрата намера и да води кон добри цели) и дека во етиката треба да владее доброљубивост и добрамисла.

Сето тоа значи дека станува збор за **нова етика**, не според содржината, туку според суштината. Тоа е најостра етика досега во човештвото, со општа добрамисла и чесни намери, со ригидна одговорност, со апсолутна идеја за неповредување на друго суштество и со крајна свесност за универзалноста на последиците од постапувањето. Еколошката етика ги следи сознанијата на екологијата и ги внесува во моралниот систем на човекот, очекувајќи негово позитивно дејствување (понекогаш може да се нарече синонимно *еколоѓија*).

Тоа, всушност, е една **општа етика**, која се однесува на смислата на етичкото воопшто. Нејзините принципи се незаобиколиви. Со чувањето на својата средина, со чистотата, со неуништувањето на природните ресурси, со подобрувањето на условите за своето живеење придонесуваме кон прочистувањето и унапредување на сиот човечки простор и живејачка. Живееме со свест за иднината, во која нашите потомци ќе очекуваат да проживеат достојно и сигурно. Еколошката етика е база за изградба на Универзалната етика, како единствена свест на човештвото и изедначен морален нормативен систем.

Еколошка етика покажува дека во современата епоха, поради големите проблеми во дејствувањето и лошите последици од човечкото однесување, нормативната етика, која предлага правила за однесувањето, е мошне блиска до теоретската етика, која ги испитува смислата на моралното мислење и принципите на човечкото постапување. За еколошката етика е сѐ едно дали

нејзината основа е теоријата на загриженоста, или учењето за одговорноста, или консеквенцијализмот, или доктрината за човечките добродетели - стига да се добри правилата за дејствување и да даваат успешни резултати. Интересно е дека за еколошката етика се создадени разни совети (како **Мисли глобално, дејствувал локално!**) и се направени голем број книги со поуки како да се дејствува еколошки доблесно и ефикасно.

Најпознатата таква книга е "**50 едноставни нешта што секој може да ги направи за да ја спаси Земјата**", дело на Работната група за Земјата (1989). Книгата е преведена во многу земји и продадена во милиони примероци. Книгата е посветена на оние кои уште не се родени, а мотото е земено од философот *Едмунд Берк* (1729-1797): "Најголема грешка на оној кој не прави ништо е да мисли дека може да направи само нешто малку". Книгата најнапред ги објаснува еколошките проблеми: ефектот на стаклената градина, загадувањето на воздухот, озонската дупка, опасниот отпад, киселите дождови, загубувањето на флората и фауната, загадувањето на подземните води, натрупувањето ѓубре, штедењето на енергија и вода како спас за Земјата. Со полно примери (дека секое американско семејство фрла секоја недела 50 кг отпад, дека 75% од водата ја трошиме во купатилото, дека со чистењето двор со метла се заштедуваат илјадници литри вода итн.), дадени се 50 примери-насоки како може да се дејствува навистина еколошки: од користење чисти детерџенти и нефрлање на пластична амбалажа до преглед на греењето и рециклирање на стаклото.

На книгата "**365 начини за менување на светот - Како секој ден светот да се направи подобар**" (2005) автор е Британецот Мајкл Нортон, кој има направено многу корисни иницијативи и организации за помош на сиромашните и на младите. Книгата започнува со мисла од Ален Кеј: "Најдобар начин да ја пресретнеш иднината е да ја измислиш". За секој ден во годината, според месеците, се даваат по 2-3 статии и совет што да се прави еколошки правилно. Прекрасна книга за лични дејства, студентски размислувања и училишни есеи.

Книгата "**1001 малечок начин за да се спаси нашата планета**" (2007) од Англичанката Есме Флојд има објаснување: мали промени за да се создаде позелен, еколошки пријателски свет. Прашањата и советите во неа се однесуваат на помагањето дома, внатрешното уредување, работата во градината, постапувањето на работата, стилот на живеење, семејниот живот и однесувањето во животната средина. Не може ни да се замисли колку има шармантни и неочекувани решенија за подобра еколошка ситуација во светот.

Кај нас тукуштo е преведена книгата "**101 начин да ја спасиме Земјата**" од Дејвид Белами, па ако немате контакт со друга (инаку мошне бројна) литература за екологијата, оттука може да научите многу за правилното еколошко однесување.

Еколошката етика, етика на Земјата, етика во нуклеарната ера... бара сериозни луѓе, **личности кои мислат и на денес и на утре**, кои нема да сакаат ни тие самите ни другите ни утрешните луѓе да немаат ништо, кои нема како изроди и неранимајковци да уништат сé, не водејќи сметка за другите, за оние кои допрва треба да дојдат и да имаат шанса да го проживеат својот живот барем во условите што ги имаше нашата човечка генерација. Затоа оваа етика/овие етички размисли и идеи се можеби најважна индивидуална, социјална и политичка етика на денешницата.

**Етички фрагменти од Џонатан Шел**

"Родителите знаат дека со новороденото дете - како со сонцето кога ќе изгрее - целиот свет повторно е роден, зашто човечкиот свет постои само во умот, срцето и духот на секое човечко суштество."

"Најголемата опасност која историјата некогаш ја создала - е опасноста со која историјата се стреми да се проголта самата себеси."

"Бомбите ги направил човекот, тие денес му се закануваат со уништување."

"Ако денес во фантазијата се спуштиме во пеколта, може да се надеваме дека утре нема да мораме тоа да го сториме во реалноста."

"Општеството кое систематски ги затвора очите пред опасноста која му се заканува за неговиот физички опстанок и не преземе никакви мерки за да се спасе, не може да се нарече психички здраво."

"Сега целиот наш вид е повикан да ја преземе врз себе одговорноста... да го заштити нашето постоење со својата волја. Прашањето на иднината ни беше просто дадено; сега неа мора да ја постигнеме."

# 100. Питер Сингер
# НОВИ НОРМИ ЗА НОВИТЕ НЕШТА



Во последните децении **бурно се возобновува етиката**. Многу проблеми со кои се судри човештвото наметнаа повторно да се побара помош од етиката, која извесен период беше запоставена философска гранка и животна практика (во една значајна философска книга од 1930-тите стои дека етиката е интересна само во академска смисла - а допрва ќе следуваат најголемата светска војна, бројни граѓански војни, ликвидација на милиони недолжни, атомски бомби, студената војна, загадување на Природата, нови болести, страхови...). Потребен е **нов етички сензибилитет**, се отвораат нови етички дилеми и перспективи, во новата етика се расправа за новите прашања и се даваат разни нови решенија, кои се разликуваат од старите етички одговори.

Се појавија и голем број нови етички мислители на сите страни на светот, кои врз основа на старите сознанија, а уште повеќе врз модерните погледи, ја развиваат етичката свест, ги објаснуваат новите морални вредности и влијаат врз моралната практика, која сé повеќе се здобива со универзален карактер. Една од најпознатите личности на новата етика е австралискиот мислител Питер Сингер. Во последните четири децении светот со заинтересираност ги слуша неговите зборови. За неговите етички предлози се води жива дискусија, тие се одобруваат или се критикуваат, зашто тие се **нови реални етички норми за новите морални ситуации и проблеми**.

**Питер Сингер** е роден во 1946 година во Австралија, една од најмодерните земји на светот. Според првата општа историја на човештвото, изработена од УНЕСКО, тоа е прва социјалистичка држава, зашто во неа веќе од 1901 години на секого му се загарантирани социјална сигурност и работа, а сите сме сведоци на нејзината исклучителна прогресивност во многу ориентации и зафати. Сингер е дете на еврејски емигранти од Австрија, кои одвај избегале од фашистичкиот терор. Со такво потекло, тој понудува една извонредно сензибилна етика, која води сметка за реалниот живот и за страдањата на живите суштества. Тој се труди да пронајде **разумни одговори за големите прашања кои го опседнуваат современиот свет**. Бил професор на најголемите светски универзитети - во Оксфорд во Англија, во Њујорк и Принстон во САД и др. Сингер не е само етичар со зборови, туку и **се бори за спроведување на своите морални ставови**, па бил и претседател на Меѓународното здружение за биоетика и издавач на списанието "Биоетика".

Има напишано многу книги, од кои се најпознати “Повторно осмислување на прашањата на животот и смртта“, “Како да живееме?“, “Практична етика“, "Еден свет". Неговиот избор на етички текстови за Универзитетското книгоздателство на британскиот Оксфорд е најзначајна *етичка антологија* денес, како и универзитетскиот *учебник по етика* на Блеквел од Оксфорд. колективно дело, чијшто редактор е Сингер,

Сингер се прочу со обработка на еден нов проблем, кој понудува **нова етичка енергија за целото човештво**. Станува збор за етичките права на животните. Утилитаристичката идеја на Џон Стјуарт Мил од пред 150 години, дека во грижата за добро на сите суштества треба да биде вклучена и грижата за животните ("сите живи суштества"), Сингер ја претвори во **етичка норма за почитување на животот на животните**. Неговото дело “Ослободување на животните“ (1975) се смета за библија на новата концепција дека **сите живи суштества на светот имаат исти права и потреба да им биде сочуван основниот животен статус**. Наместо *антропоцентризмот* како (егоистичка, ограничена) свртеност на сите мисли и дела кон доброто само за човекот, сега се препорачува *биоцентризам*, сконцентрираност за доброто на сите живи суштества (а уште понатаму се развива *физиоцентризмот*, општа идеја за добро на сѐ што постои). Питер Сингер е и главен основач на движењето за немачење и неубивање на животните. Неговиот принцип гласи дека не треба да се јаде месо ако исхраната може да се обезбеди од растителни извори. Тоа е можно на денешниот степен на човештвото, тоа не е само здраво, туку и *етички доблесно*, а моралните придобивки од вегетаријанството се истакнуваат како чиста етичка добивка (тоа веќе 2.500 години го тврдат и џајнистите и многу Индијци).

Ваков неортодоксен мислител избра и **нов начин на осмислување на основниот етички приод**. Европската етика илјада години, од Пјер Абелар (1079-1142) наваму, се потпира врз ставот дека основно во етиката е *намерата* (интенцијата), моралната цел; таа е предмет на етичкото оценување; тоа ја унапреди и беше темел на европската етика. Сингер има нов пристап, тој е морално подиректен. За него етиката не е додаток на човековиот живот, туку негова смисла. Ние **постоиме одбирајќи и следејќи вредности и норми**. Затоа за Сингер смислата на етиката е поврзана со нејзиното најстаро решение, дека таа е практична дејност, особен вид човеково дејствување: низ моралната практика се согледуваат етичките идеи и вредности на моралниот субјект. Оттука Сингер бара и **оценување на последиците на постапките**, зашто тие не можат да се одделат од смислата на етичкото, како што се намерата и акцијата. Ова се нарекува **консеквенцијализам** (според латинскиот, францускиот, англискиот збор *консеквенција* за “последицата“, она што следува и произлегува од делото).

Сингер истакнува дека **неговата теорија е форма на најразвиената современа етичка концепција утилитаризам**, која е доминантна во најразвиените земји, а за која целта на етичките мисли и дела е унапредување на животот на луѓето. Оваа позиција кај Сингер води кон своевидно проникнување на личноста и заедницата. Денес во светот е доминантен индивидуализмот, ставот дека личноста е најважен елемент на постоењето. Заедниците се услов и простор за живеење и напредување на единката. Сингер го истакнува значењето на секоја личност која живее. Но, тој ги согледува потребите и значењето на нејзините врски и поврзаност во општеството. Тој не ја отфрла марксистичката идеја (и идејата на многу други мислители) дека заедницата е основна форма на човечката егзистенција, иако ја критикува нејзината форма инспирирана од авторитарни цели, која водеше кон застареан болшевички колективизам. Според Сингер, неопходна е многу посуптилна дијалектика помеѓу

индивидуалното и колективното, разиграност на етичката мисла, која ќе ги има предвид двете суштини на човековото живеење - и неговата единичност и неговата социјална природа. За таа цел тој гради **етика на индивидуалната одговорност**. Единката е морален визионер, свесна за своите сили и сака да изгради добра етичка заедница. Ова ѝ е нужно токму нејзе. Затоа е неопходно човекот да има *етичка креативност* и да настапува со слободна и вредна етичка желба, со цел да ги сознае проблемите, да осмисли одговори, да пронајде морални норми и нив да ги препорачува и спроведува.

За ваквиот став на Сингер е карактеристична неговата книга "**Како да живееме?**" (книга со ваков наслов прв направи Емерсон). Книгата на Сингер има поднаслов "Етиката во епохата на егоизмот". Научната цел на авторот е да ги испита животот и моралот во последните две децении на XX век, кога во западниот свет се јавија катастрофални форми на алчноста, мамење, искористување на другиот, нарушување на добрите обичаи во работењето и во живеењето. Правејќи особена паралела со едно источно општество, Јапонија, каде утилитаристичките цели се поблагородни од дивиот егоизам, Сингер укажува дека на луѓето им се присушти и формите на алтруизам и почитувањето на другиот. Наведувајќи примери од историјата и современоста, тој укажува дека **егоизмот не е генетска предиспозиција на човекот** и дека луѓето практикуваат и подобри етички решенија. Саможивоста личи на внатрешна димензија на индивидуализмот, но тоа не е точно, зашто етичкиот избор може да биде и поинаков. Сингер укажува дека егоизмот не е најдобро етичко решение за единката. Во Просветителството *Хелвециус* (1715-1771) велеше дека облагорувањето на егоизмот го наметнуваат воспитанието и заедницата. За Сингер, свртеноста кон другите суштества и кон општите проблеми е органски етички пооправдано и морално поефикасно за секого.

Незаинтересираноста за општите проблеми, впрочем, не е можна во современата епоха на поврзан свет (*глобализација*) и со разнишана состојба на Природата (*загадување*). Сингер не гради само етичка наука, туку е и **горлив застапник за соодветни морални решенија**. Така и тој покажува дека дистинкцијата меѓу теориската и практичната етика нема денес многу оправдување. Тој инсистира на жива етичка активност и креативност во денешната епоха. Има **безброј прашања на кои луѓето мораат да дадат етички одговори, односно да направат етички избор**. Во секојдневието ние не сме постојано исправени пред обврзно избирање, туку постапуваме според моралните навики и постоечки норми. Тие се своевидни рецепти за однесувањето. Меѓутоа, доаѓаме во ситуација да мораме да донесеме етичко решение, односно да ги определиме нашето натамошно однесување, патот на нашето живеење, судбината на луѓето околу нас, дури опстанокот и начинот на постоење на луѓето. **За таквите дилеми нема одложување** и мораме етички да избереме. А за тоа ни е нужен етички сензибилитет, чувство за себе и за другиот, амбиција да правиме добро, чувство на одговорност; тие се делови на етичноста на личноста.

Од позицијата на исклучителна морална личност и воспитан да ја почитува личноста и етиката на другиот, Сингер ги истакнува етичките права на секој човек (етиката на **човековите права** е најнов систем на етичката визија и ветувачка морална практика). Сингер не морализира и етичките решенија не ги наметнува како натурени незаобиколни ставови. Не - во духот на ерата на **дијалогот**, којшто го развиваат помладите етичари на нашето време - тој ги изнесува и спротивните погледи и потоа полемизира со нив, противставувајќи аргументи и размислувајќи јавно за проблемите, за решенијата и за нивните

последици. Но, тој не се откажува од тоа да ги изнесува своите ставови и да ги брани потребните норми (тоа е една од димензиите на етичкото образование, кое верува дека може да ги поттикне луѓето да размислуваат за тешките животни проблеми и да ги придобијат и другите за заедничко правилно дејствување). Во своите трудови и бројни настапи Сингер се искажува за етичките димензии на абортусот, особено за односот спрема бебињата за кои е утврдено дека имаат неизлечиви генетски проблеми. Тој учествува во разгорената денешна расправа за евтаназијата, како решавање на прашањата на неизлечиво болните. Тој е еден од највредните застапници на **етиката на добрата животна средина** (еко-етика). Тој ја брани демократијата како извор за етичка слобода и вредна морална самосвест на личноста. Наспроти острото застапување на самосвојноста и правото на материјалното богатство, Сингер укажува дека сиромаштијата ги убива луѓето и дека **непомагањето на бедните е рамно на најголемо злосторство**. Ако правиме поделба помеѓу оние што ни се блиски и другите луѓе, тоа нас нé води кон затапување на чувството за човечност. Свеста за ближниот, за секое човечко суштество, па и за секое живо суштество, е извор на силна етичка тензија, која човековиот живот го прави оправдан, осмислен, морално активен и задоволен.

Погледите и моралните објаснувања на Питер Сингер предизвикуваат голема бучава во светот. Против неговата “Практична етика“ (која е една од највлијателните нови етички дела) се расправаше насекаде низ светот. Се согледа дека етичките дилеми се живи и дека постојат големи неразбирања. Се виде дека против “Практичната етика“ на Сингер настапија оние што ги отфрлаат слободната реч, одговорниот морал и добрата модерна етика. Етичарите често сретнуваат непријатели, свои и на своите идеи. Но, светот и животот го унапредуваат и менуваат оние идеи и луѓе кои го обликуваат сериозното човеково однесување. Питер Сингер укажа на значењето на **етичката култура** и на неопходноста да се сознаваат големите етички проблеми и луѓето да почнат да го бараат вистинскиот етички пат. **Новите норми за новите нешта**, кои ги предлага Сингер, изградбата на нов етички пристап се негови придонеси кон развојот на човечката етика. Тие се интересни и модерни, мошне живи идеи. Денес 1/3 од човештвото се вегетаријанци, тој процент значително се зголемува секоја година и со секоја идна генерација, така што за стотина години луѓето веројатно ќе престанат да убиваат животни за да јадат месо (како што ќе ги избегнуваат белиот шеќер и другите опасни материи). Методот на **емпатија**, на етичко сочувствување со страдалниците и со бедните, е мошне силен социјално-политички тренд. Еколошките сознанија разгоруваат **одговорна еколошка етика**. Така поуките на современиот етичар Питер Сингер се вградуваат во очовечувањето на човечката природа, како што новата етика се труди да биде фактор на реалниот развиток на човештвото.

Кога започнуваше XX век, луѓето има огромни очекувања, и навистина за сто години се случија многу нешта, голем развој, но и страшни конфликти, нечовечни дејства и страдање на Природата. Такви очекувања се префрлија и во новото столетие, кое започна со двомилениумското одбележување. Питер Сингер, како корифеј на новите етички и биоетички движења, кои се разгоруваат поради светските состојби, своите погледи за идниот развиток ги изложи во студијата “**Еден свет**“ (2004). Со поднаслов “Етика на глобализацијата“ книгата нé соочува со реалноста, атмосферата и проблемите на светот, кои ги разнебитуваат луѓето и ги донесуваат на работ на трагични размисли, но и на нови согледби и нафаки за етичко решавање на светските и човечките проблеми. Во класична смисла, Сингер оваа етичка книга ја гради низ политичките визии, кои веќе од таткото на етиката

Аристотел се дел од размислите за моралот и за човечките определби и избори. Сингер истакнува дека станува збор за **свет на промени**, во кои се преплетуваат разни димензии на живеењето и моралот. Но, ние сме сите во иста ситуација, што е израз на универзализацијата на случувањата и глобализацијата на светот. Нѐ притискаат проблемите во Природата, еколошките заложби се саботираат, околу светските организации постојат недоразбирања и недоволна соработка, постојат империјалистички и неоколонијалистички тенденции, сиромаштијата и болестите нѐ застрашуваат. “Би требало да го отфрлиме моралниот релативизам... Западната култура нема монопол на мудроста... - вели Сингер. - На некои култури и постапки им недостасува елемент на почитување на другите, што е нужен дел на секоја етика... Со секое човечко суштество треба да се постапува човечно“. Се разбира дека мора да водиме сметка за тие забелешки и укажувања на водечкиот денешен светски етичар. Не може да се станува против современите морални решенија, тие се дел од човечката реалност и визија.

Питер Сингер **не е единствениот** вреден, инвентивен и бележит етичар денеска; многу други значајни етичари даваат исто така придонеси за развојот на новите етички погледи и визии - на пример, во Франција **Андре Конт-Спонвил**, кој напиша книга за 15 највисоки добродетели, **Едгар Морен**, **Лук Фери** и **Жак Атали**, кој го објаснува стремежот кон братството како нереализирана вредност од трите основни од Француската револуција. како и **Мари-Франс Иригоен**, која го анализира моралното тормозење како перверзно насилство во секојдневието; во Германија **Питер Слотердајк** е автор на фантастичната "Критика на циничниот ум" и на поучното потсетување дека сме сите "во истиот чамец", професорот **Отфрид Хефе** прави корисни етички книги, а **Ханс Кинг** е создавач на раширениот проект за глобална етика; Шпанецот **Фернандо Саватер**, кој има направено и поучна книга за својот син; во САД и низ целиот свет брзо се развива етичко-религиозното движење скиентологија, со основите во идеите на **Рон Хабард**, а прочуениот американски мислител од јапонско потекло **Френсис Фукујама** е автор на неколку епохални дела за современата политика и етика; во Бугарија покојниот професор **Кирил Нешев** изложи систем на модерна етика и даде низа историскоетички студии, прочуениот педагог **Румен Валчев** на автентичен начин развива интернационална активност со нови методи на образование за човековите права и за граѓанската свест, **Георги Ангелов**, директор на Институтот за истражување на науката и на нејзината историја, ја испитува етиката на науката, а бугарскиот емигрант во Франција светски познатиот мислител **Цветан Тодоров** дава автентични придонеси за разбирање на етиката на новата цивилизација; професорот **Анте Човиќ** од Загреб е носител на бележитиот духовен развој на биоетиката во Хрватска и во Југоисточна Европа; јапонскиот хуманист **Даисаку Икеда** пропагира дијалог за животна надеж; верскиот пророк **Сан Мјонг Мун** од Јужна Кореја е создавач на нова источна монотеистичка религија и етика на семејниот живот, толеранцијата и на соработката за обезбедување мир и подобра опстојба за сите, при што неговите привrzаници имаат изработено низа прекрасни учебници за етичко образование (*My World & I* - The Way To Love & Unification); првиот папа-Словен **свети Јован Павле Втори**, професор по етика во полската теолошка академија, даде многу интересни книги и пораки со етичка содржина; познати тибетанскиот верски водач **Далај Лама** објавува исклучително значајни дела за етиката на иднината. Свои идеи и визии изложуваат и многу други етички мислители во оваа епоха на доминацијата на етичкиот дух.

Покрај 22 април - *Денот на Планетата Земја*, и 10 декември - *Денот на правата на човекот*, кога во 1948-та е донесена Универзалната декларација за

човековите права, како значаен празник на новата етичка ера на човештвото младите го одбележуваат и 11 мај - *Денот на љубовта и на обединувањето на луѓето*, за што во реге стилот пееше **Боб Марли** (1945-1981) од Јамајка. Етичари и моралисти има и ни се потребни на сите страни на светот.

**Етички мисли од Питер Сингер**

"Ние сме дел од овој свет, а тој има очајна потреба да се направи нешто **сега** за условите во коишто луѓето живеат и умираат и да се избегне социјална и еколошка катастрофа. Нема време да ги сосредоточиме нашите мисли кон далечната утописка иднина. Премногу човечки и не-човечки живи суштества страдаат сега, шумите пропаѓаат мошне брзо, растењето на населението и натаму е надвор од контрола... Ние не може само да чекаме од владите да ги донесат потребните промени. Интерес на политичарите не е да ги предизвикуваат основните навики на општеството, што нив ги избрало да го водат. Ако 10 отсто од населението има свесен етички поглед за животот и дејствува усогласено, таа промена ќе биде поважна од секоја промена што би ја направила власта."

"Должноста да не се изврши убиство е многу полесно да се исполни отколку должноста да спасеме некого... За нејзино извршување е потребен степен на морален хероизам, сосема различен од оној кој бара да се воздржиме од убиство."

"Разликата помеѓу етичкиот и егоистичкиот однос спрема животот е многу пофундаментална одошто разликата помеѓу политичката десница и левица... Мора да воведеме да живееме етички како реалистичка и видлива алтернатива на денешната доминација на материјалната саможивост."

# Додаток

# ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА ЕТИЧКИОТ УМ

Во нашата ера во Париз излезе една етичка книга **Dictionnaire d'ethique et de philosophie morale,** sous la direction de Dr Monique Canto-Sperber, Paris, Presses universitaires de France, 1996, која е повеќе од големо научно остварување, **вистински културен настан и книга на една генерација**. Нејзината чудесност е и во тоа што таа тоа ќе претставува и во иднината. Зашто, многу работи се менуваат кај човекот од епоха во епоха, само две остануваат постојано - потребата и страста за **знаењето**, како и неопходноста од **етика**.

Човек се стреми кон **знаење**, ги унапредува своите дејности со кои го дофаќа и зголемува знаењето, пронаоѓа методи со кои полесно, подобро, пошироко и подлабоко ги шири сознанијата, ги преферира функциите кои водат до знаењето и ги препорачува на другите, особено на помладите, ги истакнува оние кои предничат во неговото поседување и создавање, ги пофалува оние кои радикално ќе го зголемат. На крајот на краиштата, пронашол **енциклопедија**, како *сезнаење*, одлично и проверено знаење, знаење за разни нешта од сите страни, знаење кое секому му е достапно - стига да знае да ја земе в рака таа сокровишница на знаењето, да сака да ја отвори, да издржи да ја прочита и постојано да ја препрочитува.

А **етиката е едно од најважните нешта во животот**, која го детерминира човековиот поглед на светот, на луѓето, на однесувањето, на работењето. Затоа обврските човек не си ги претставува како грозно наметнување, туку како нормален аспект на живеењето, затоа правењето добро се претпоставува пред спротивните насочености и дејства, затоа и се јавуваат тие одновни бескрајни трудења на секоја личност да се истакне во моралните постапки и во вкупната доблест на своето дејствување, затоа луѓето дури ги боготворат добpоделците, добродетелите им ги препорачуваат на другите, особено на помладите, демнат да не згрешат или настојуваат да се поправат кога ќе згрешат. Затоа и се изградени **моралот** и научната дисциплина **етика**, за човекот да си го уреди, подобри, унапреди, поисправно да го сознава и поправилно да го води својот живот.

Кога во едно, пак, ќе се спојат енциклопедијата и етиката, се добива најинтересен продукт на времето - кој ги возникнува и храни значајните човекови импулси, претставува голем нов поттик за сознавањето и уште еднаш потврдува дека за загриженоста за етиката биле во право оние кои неа ја бранеле, предничеле во неа, опстојувале со неа.

Сето тоа на маестрален начин го прави најновото дело на француската научна мисла **Речник на етиката и на моралната философија**, кој со зафат достоен на големите француски енциклопедиски претходници и на значајната француска морална традиција претставува најголем збир на етички сознанија на едно место досега во светот.

Франција и француските философи засекогаш во светската мисла си го изборија првото место (такво прво место го имаат и кинеските и индиските класици, хеленските мудреци и философи, христијанските и исламските теоретичари, германските и англиските философи) не само со тоа што големите умови како Ериугена, Абелар, Монтењ, Декарт, Ларошфуко, Лабриер, Монтескје, Волтер, Русо, Дидро, Хелвециус, Сен-Симон, Конт, Гијо, Диркем, Бергсон, Сартр и де Бовоар, Ками, Башлар, Фуко, Гликсман и многу, многу други ја сочинуваат најзначајната духовна репрезентација на светот - којшто

нејзе ѝ должи откритија, поттици, најважни решенија во разни области на духовните сознанија, врвни точки во човечките откривања во однос на постоењето, на трепетите на егзистенцијата, на правилата на сознавањето, верувањето и однесувањето, туку и заради тоа, и особено заради тоа, што ја замислија и создадоа првата вистинска комплетна сокровишница на сите знаења "*Енциклопедија*, или Образложен речник на науките, вештините и занаетите". Со ова единствено дело во човечката историја, чијшто прв том се појави во 1751 година (а инаку во 35 томови), не е само навестена информатичката цивилизација, туку со него таа почна да се гради, како неприкосновена милениумска иднина на човештвото, на којашто ние ѝ станавме не само неми предвесници или вчудовидени очекувачи, туку живи учесници, страсни посветеници и трогателни, неснајдени градители. Енциклопедијата ја замислија, водеа, правеа и издаваа философите *Дени Дидро* (1713-1784) и *Жан ле Рон Даламбер* (1717-1783), кои и со своите погледи и со ова свое монументално дело го заслужија епитетот водечки мислители на Франција на времето.

Измислениот збор за тоа големо дело *Енциклопедија* значи "сеопшто образование", бидејќи ја реализираше големата просветителска идеја на воздигнување на луѓето од калта на незнаењето и на несвесноста кон височините на умот и на просветленоста. Делото го содржеше сето вистинско знаење на епохата - за историјата, настаните, личностите и географските точки, за сите животни прашања, предмети, занаети, за сите духовни, социјални и морални проблеми. Кој ќе ја прочиташе и проучеше таа книга, ќе го заокружеше своето образование толку, што ќе знаеше сѐ - со цел да ја оствари големата цел на позитивизмот и да може со тоа да реализира сѐ.

Од тоа дело и таквото благородно настојување на француските философи букна страста за правење на слични сеопшти прегледи и широки научни информативни збирки, така што денес веќе би била потребно да се направи енциклопедија на енциклопедиите, ако би сакале да научиме какви сѐ дела, со какви настроенија и успеси, во кои сѐ области и подобласти, со каква вистинска универзалност се родени ширум светот во оваа 250-годишна традиција на новиот, ренесансен, просветителски начин на зафати во сознанието. Франција, во секој случај, и натаму продолжи да прави енциклопедии, од кои барем оние на книгоиздателството "Ларус" на многумина во светот и кај нас им беа најсигурен и сакан потпирач во барањето на вистината во точноста на фактите, во санкционирањето на значењето и во прецизноста на специфичното речничко изразување. За компјутерџиите се хит токму енциклопедиите (зашто се тие духовен израз на овој информатички полет и свет), а и фамозниот *Интернет* всушност е една огромна енциклопедија, а сега кон неа секој може да додава по нешто за да се долови сеопштото. Нашата енциклопедија, одвај направена, има проблеми со оценката, а тоа е нашиот пропуст во пласманот на нашите сознанија и, евентуално, во објаснувањето на специфичниот аспект на нашите погледи.

Енциклопедиите демонстрираат дека Човекот и Битието имаат ексклузивен однос. Нема подобар начин да се разбере дека човекот е разбирач, сотворец и толкувач барем на Природата (на овдешната и времената егзистенција), ако не и на сето Битие (од човекот, со човекот, за човекот). Кога ќе дофатите енциклопедија, вие држите *Универзална книга*, израз на сеопштата моќ на Човекот, сликовит приказ на сепостоечкото, клуч за негово разбирање и поука за воспоставување на патиштата кон идното.

Таква е и **новата фантастична енциклопедија на етиката**. На 1.637 страници, од кои сите имаат двојни колони, а всушност, заради графичката

големина на книгата и густината на слогот, тоа значи преку **5.000 страници** текст, на кои треба да им се додаде барем уште десет проценти од тоа заради бројните регистри на поимите и на обработените идеи и автори.

"Етичкиот речник" ја зграпчува етичката проблематика опстојно, опширно и крајно прецизно. Тематика зафаќа одредници за погледите на точно 100 најзначајни етичари од човечката историја, како што се Епикур, Кант или Толстој (како што и ние ги даваме во нашата книга, но нивниот избор и изложувања не се земени оттаму, туку се наша конструкција и толкување), потем за 125 етички теми или принципи, како што се автономијата, гревот, пријателството или совеста, за 25 големи области, како што се деонтиката, етиката во психоанализата или моралната теологија, за 55 сериозни практични прашања на етиката, како што се ненасилството, квалитетот на животот или етиката на бизнисот, како и за 85 тенденции и правци од историјата на етиката, како што се кинескиот конфуцијанизам, емотивизмот како моралнот субјективизам или песимизмот. Но, тоа се главните одредници - во речникот, всушност, се обработени етичките погледи на 1.044 философи (а во индексот точно е набележано за кои теми нивните мислења дале значаен придонес), како и слично толкав број прашања од сложената морална практика на луѓето.

Овој речник е истовремено идеален **етички учебник**. Тој е одличен преглед на теориската етика, и суптилен прирачник на нормативната етика, и ненадмашна дескриптивна и компаративна етика, и обемна и продлабочена историјата на етиката и на моралот. При тоа, сиот тој огромен материјал е аналитички согледан и синтетички претставен, со нужни споредбени пристапи и информации, кои овозможуваат ова море од сознанија да не делува како натрупана граѓа, туку како обработен и совладан систем.

Се работи за прекрасна книга, направена од 247 мислители од Франција, Велика Британија, САД, Германија и Италија, значајни истражувачи на етиката како философи и на специјалните етички проблеми во другите области како нивни метафилософски прашања, главно професори на големите и на малите универзитети. На тој силен интелектуален сојуз како духовно братство и врвен еснафски етички собир му овозможи да дојде до крај и да го даде овој чудесен резултат **д-р Моник Канто-Спербер**, директор на едно одделение во францускиот прочуен Национален центар за научни истражувања од Париз. Оваа најнова специјализирана енциклопедија ја објавија "Универзитетските печатници на Франција", еден од најголемите научни издавачи на светот, познат според многубројните и одлични енциклопедии за разни науки и на изданијата според веќе класичната идеја на Мишел де Монтењ "Што знам јас?"

Ова дело, што е многу значајно, произлезе и од **актуеноста на философијата на моралот**, од една разгранетост, раздвиженост и силна настојчивост на современата етика, која соодветствува на големите кризни ситуации и морални шокови на денешницата - од здравствени до политички, лични и колективни, разбирливи и нејасни, традиционални и новопројавени. На тоа етичарите одговорија со биоетика, со етика на однесувањето кон својата околина, со засилено истражување на професионалниот морал, со непопустлива демократска политичка етика, со поврзување на сегашнината со егзотичните минати морални светови и идеи, но и со компонирање на сегашнината како една вистинска целост, со врзувањето на етиката со културните и антрополошките истражувања и сознанија. Многу нешта се во игра на **полето на етиката**. И оваа голема книга покажува дека **етиката стана најдинамична, најпотребна и најразвиена философска дисциплина** во последната деценија на вториот милениум и во првата на идниот милениум. На почетокот на оваа илјадагишнина

стои еден Пјер Абелар, а на крајот биоетиката и фантастичниот реалитет - неподелената верба на современите етичари дека мислата треба да служи за унапредување на животот и дека личноста најдобро се изразува себеси низ својот морал.

Етичката енциклопедија ѝ прави чест на француската мисла. Денес Франција предничи во светот со филозофијата, затоа што повторно ја возникна филозофијата како најзначаен интелектуален пристап кон опстојбата, поддржувајќи го нејзиниот напредок и егзистенција. Неа ја учат по училиштата, на универзитетите е меѓу најглавните предмети, во научните ориентации е незаобиколива, во издаваштвото е центар на дејноста, во весниците и ревиите неотсутна тематика. Прочуените француски кафеа повторно се филозофски средишта, како во времето на Волтер и Дидро, чија кафеана "Прокоп" е културен паметник, со слики на просветителите како национални херои, или во времето на егзистенцијалистите Сартр, Симон де Бовоар, Ками и други, чии кафеани "Ротонда" или "Купола" се мистични места на сета современа светска културна елита. Во нив се дискутира, чита, пишува и раѓа новата мисла на човештвото. Париз е повторно духовен центар на светот. Во тоа не мала улога има и развитокот на француската етика, која предничи во светот, покажувајќи го тоа и со оваа фантастична, богата, сериозна и неопходна книга - која секому му е потребна како што етиката се раширува и развива низ светот со своите идеи, сили и човечка неопходност. Оваа енциклопедија ги дополнува етичките сознанија кои треба да ги имаме во оваа епоха на етиката, а кои ги даваме и ние во оваа голема збирка "Етичари" од Кирил Темков во издание на Домот на културата во Кавадарци (2014).

# КИРИЛ ТЕМКОВ

Кирил Темков е роден (1943) во Кавадарци во чаршичкото маало. Татко му Диме, од ашчиско и пекарско семејство, бил слаткар, угостител и бурекџија. Донел прво кино во родниот град. Мајка му Рада била шивачка. Живеле во Панчево, Белград и Земун, каде одел на училиште. Бил претседател на ученичкиот сојуз (8-то одделение) на првата година на училиштето "Гоце Делчев" во Земун, член и активист на Музичката младина, уредник на Домот на младите во Земун. Во Скопје живеат од 1959 година. Дипломирал философија во 1968, докторирал во 1982 година; бил на постдокторантски студии по Стратегија (1982-1987) кај проф. д-р Александар Грличков. Од 1970-та бил асистент по Етика на проф. д-р Павао Вук-Павловиќ, од 1971-та помошник на проф. д-р Георги Старделов по Естетика, бил предавач, вонреден професор и редовен професор по Етика и Естетика, како и по Философија на менаџерството и Философија на политиката (кои ги воведува како нови предмети на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"). Предавал Етика и на студентите по педагогија, ОНО, психологија, новинарство, мировни студии, на Факултетот за безбедност, на Факултетот за ликовни уметности, на постдипломските студии по Економија на земјоделието на Земјоделскиот факултет и Универзитетот за агрикултура од Гетеборг-Шведска. Предавал Естетика на првите генерации по историја на уметноста, на Факултетот за туризам во Охрид, на Факултетот за драмски уметности, на Музиколошкиот оддел на Факултетот за музички уметности, на студентите по светската литература, по новинарство, на Архитектонскиот факултет, на постдипломските студии на Факултетот за ликовни уметности. Предавал Педагошка етика на студентите по педагогија. Предавал Научно-истражувачка етика на докторските кандидати на УКИМ. Бил гостин-професор по философија на Универзитетот во Ниш (1987-1991), гостин-професор по етика на Философскиот факултет во Софија, гостин-професор по Етика на конзервација на постдипломските студии по музеологија, на Народниот музеј-Сорбона-Универзитетот во Белград, член е на Катедрата за мировни студии и граѓанско образование на Слободниот универзитет во Бургас, постојан соработник на Центарот "Слободно образование" од Софија. Бил шеф на Институтот за философија и раководител на Постдипломските студии по философија (и иницирал нивна модернизација). Раководел со Естетичката лабораторија на Филозофакиот факултет (1971-1994), основал и водел Отворен театарски универзитет, Отворен филмски универзитет, акција Музика на милионите, основач и прв организатор на Фестивалот на младите творци на Македонија, основач на фестивалот Млад отворен театар и на Театарската работилница на ФФ ("Зелена гуска"). Бил претседател на Универзитетскиот центар за култура и информации на УКИМ. Истакнат деец на полето на културата - уредник на првата Младинска трибина (Дом на младите на Идадија, 1959-60), два пати претседател на Културно-просветната заедница на Скопје (основач на Скопското културно лето и на приредбите Тебе, граду мој, основач на Дирекцијата за култура на град Скопје), еден од основачите на Скопскиот џез фестивал, член на Одборот на македонските културни работници, бил претседател на советот на Кинотеката на Македонија, на Домот на младите (МКЦ), на Културно-информативниот центар (КИЦ), на Турскиот театар, на Академското друштво "Мирче Ацев", на Драмскиот театар, на Театарот на Ромите "Пралипе". Бил секретар на државната и универзитетска комисија за реформа и дисперзија на високото обраование (1972-1974). Еден е од основачите на научниот проект Историја на македонската култура при МАНУ и организатор на неговиот прв собир. Бил уредник на весниците и списанијата "Младинска трибина" (1959-60), "Теми на младите" (Земун, 1962-63), "Земунски весник", "Философска трибина", Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, "Идеи" (Белград), "Кинотечен месечник", "Дијалог", "Стратегии на образовната и научна политика" (Софија), "New Balkan Politics", "Философски истражувања" (Загреб), основач и уредник на

"Етички тетратки", член на одборот за објавување на собраните дела на Павао Вук-Павловиќ (Загреб). Бил ментор на 40 магистерски и 30 докторски трудови. Држел предавања во Софија, Минхен, Париз, Рим, Бања Лука, Вашингтон, Хале, Загреб, Сеул, Истанбул, Дубровник, Белград, Марсеј, Тирана, Драч, Нови Сад, Опатија, Ниш, Црес, Сараево, Олимпија, Сандански, Мали Лошињ, Приморско и др., како и во Македонија во Охрид, Куманово, Прилеп, Штип, Струмица, Гевгелија, Битола, Кр. Паланка, Велес, Кочани, Делчево, Тетово, Струга. Бил секретар и претседател на Философското друштво на Македонија и ги организирал првите научни собири на Друштвото во Охрид. Бил член на Македонскиот форум (12-члена полуформална организација) за проблемите на независноста на Република Македонија (1991), Бил потпретседател на Европската философска мрежа за образование за демократија, член на Одборот на Форумот за биоетика на Југоисточна Европа, еден е од основачите на Друштвото на философите на Југоисточна Европа и организатор на неговиот собир во Скопје, претседател на Македонската олимписка академија, постојан соработник на кавадаречките Дом на културата, Народна библиотека и Музеј-галерија, член на Македонско-францускoто друштво за пријателство и соработка и на друштвото за франкофонија, еден од основачите на Македонско-германското друштво, почесен член на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Ја покрена и ја води акцијата за воведување *Етичко образование* во македонското школство и организираше експериментална настава по Етика во основните и средните училишта и во градинките (1998-2005). Носител е на францускиот орден за научен придонес "Академска палма". Сега е универзитетски професор во пензија.

Автор е на бројни статии од областа на Философијата, Етиката, Естетиката (особено за уметничката фотографија, ликовната и драмската уметност, џезот) и Културологијата, како и на повеќе книги: *Актуелните прашања на развојот на високото образование и дисперзијата на високообразовните институции во СРМ* (1973, со група професори), *Високообразовните институции во СРМ од 1974 до 1990 година* (1974, со група професори), *Основите на еден нов Универзитет* (1975, со Г. Стрделов, двете претходни студии со детални научни истражувања на К. Темков), *Панорама на естетичките идеи од втората половина на 20-тиот век* (1981, со Г. Старделов), *Теоретските погледи на Мито Јаци Василев - Јасмин*, 1-3 (докторска дисертација, 1982), *Отворен Универзитет* (1993), *Мито Хаџи Василев - Јасмин* (Кавадарци, 1997), *Етика* (1998), *Етика за младите* (1999, 2000, 2002), *Dobro, bolje, najbolje - Etika za mlade* (на српски, 2 изд., Ниш 2003) *Етички речник за младите* (1999, Кавадарци 2001), *Етиката денес* (1999, прев. на бугарски, прош. издание Софија 2006), *Етика за најмладите* (2000-2002, делумно прев. на бугарски), *Луј Армстронг - Сачмо* (2000), *Сто години на џезот* (2002), *Мито Хаџи Василев* (1991, со Александар-Цане Хаџи Василев, Кавадарци 2002), *Етика за децата* (2003-2006, делумно прев. на бугарски), *Еколошки азбучник* (2003), серија *Етика во професијата* (10 емисии, за Центарот за радиодифузија, 2003), *Луѓето, етиката и цивилизацијата* (мак. и англ., Охрид 2003), *Етичари* (2003-2004), *Деловната секретарка денес* (2003, со Анг. Чоланчевска), серија *Граѓанска етика* (20 емисии за морални вредности, за Центарот за радиодифузија, 2004), *Етика за 2 клас гимназија* (2004, 2005, 2009), *Етика за 3 клас гимназија* (2004, 2005, 2009), *Етички речник* (2004), *Ангела и Ангел од 1-а* (прв етички стрип за деца, Другарче, 2004-2005, интерактивни вежби 2005-2006), *Философија за 4 клас гимназија* (2005, 2006, 2007, 2009, со Ст. Сидовски), *Етички кодекс на УКиМ* (2006, 2011), *Економска и деловна етика* (на македонски и на албански јазик, Тетово 2007, со проф. Серафим Томовски), *Како да бидам добар* (2 изд. ОХО, 2007, 2009), *Етика за децата* (во нов формат, 2008), *Етиката и љубовта* (за етичкото образование на децата во градинките, 2008, со Зл. Николиќ), *Олимпизмот во 21-от век* (2008, со група автори), *Клуч за успехот* (2008, со Анг. Чоланчевска), *Љубов и внимание* (во нов

формат, 2009), *Етика на културата* (Кавадарци 2009), *Етичките погледи на Фетулах Ѓулен* (2010), *Етика за најмладите* (2010), *Професионална етика* (Кавадарци 2011), *Димо* (сеќавања на Димо Милков за Кавадарци и Македонија, 2012), *Етичари* (Кавадарци 2014), *Етичари*, 1-2 (прев. на српски, Ниш 2014), *Петар Јаки* (2014), *Поетот Манчо Бакалов* (Кавадарци 2014), и др. Ги има преведено и коментирано книгите: *Прагматизам* од Вилијам Џејмс, *Критика на практичниот ум* од Имануел Кант, *Научна расправа за методот* од Рене Декарт, *За слободата* од Џон Стјуарт Мил, *Ecce homo* од Фридрих Ниче, *Историја на философијата* (Скопски предавања 1-2) од Душан Недељковиќ, *Творештвото и музејската естетика* од Павао Вук-Павловиќ, *Играта и времето* од Лука Прошиќ, *Вовед во дедуктивната логика* од Витан Стефанов, *Сивиот сокол* од Миленко Пејовиќ, *Урнатини* (Скопски сонети) од Павао Вук-Павловиќ. Ги редактирал, подготвил за објавување, коментирал и направил регистри на "Делата на Мито Хаџи Василев - Јасмин" (1-6, 1982), единствено критичко издание на трудовите на кој било македонски автор. Ги конципирал и суредил книгите "Меѓу литературата и животот" на Г. Старделов, спомен-книги на Филозофскиот факултет за неговата 30-годишнина и за неговата 60/85-годишнина, "Млада Македонија", "Спомени за Петар Мазев", "Мојот живот во музиката" од Ѓ. Николовски и др. Има објавено 250 статии и рецензии во "Нова Македонија", 100 статии во ревијата "Старт", 350 статии во македонско-турскиот весник "Заман", 300 текстови етика и биоетика за деца во прилогот "Колибри" на "Нова Македонија" (непрекинато од 2000-та до денес), стотици текстови и рецензии за разните видови уметности и др. Постојан соработник на Радио-Скопје, на Францускиот културен центар, соработувал во ревиите "Македонско дело", "Македонија" (за иселениците) и др.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“, Скопје

101.9:17
17 (091)

ТЕМКОВ, Кирил
Етичари : сто најзначајни философи на моралот од Заратустра до биоетиката / Кирил Темков, - Кавадарци : Дом на културата „Иван Мазов - Климе“, 2014. – 574 стр; 28 см

Кирил Темков: стр. ( 571-573 ) – Содржи и додаток: Енциклопедија на етичкиот ум

ISBN 978-608-65437-3-0

А) Философи – Етичари б) Историја на филозифијата – Етика
COBISS.MK-ID 96746250